КОСТА ПЕЕВ

Р Е Ч Н И К

НА МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ЕГЕЈСКИ ДЕЛ

ТОМ 4

НИП "Студентски збор"
Скопје, 2006

KOSTA PEEV

DICTIONARY

OF MACEDONIAN DIALECTS IN THE SOUTH-EAST AEGEAN PART OF MACEDONIA

BOOK 4

NIP "Studentski zbor"
Skopje, 2006

До пред неколку години, Речникот се работеше како дел од проектот на МАНУ "МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА", под раководство на акад. Б. Видоески. По неговата смрт, за жал, соработката беше прекината, проектот затворен и работата врз Речникот се префрли во ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК. Во составувањето на Речникот е користен архивот на Дијалектолошкото одделение при Институтот како и оној во МАНУ. Поголемиот дел од материјалот е собран од авторот на Речникот. Освен тоа вршена е ексцерпција на голем број дијалектолошки и етнографски студии од кои се земени широки контексти, со цел да се илустрира не само значењето на лексичката единица, туку и да се документираат моменти од материјално-културното живеење на еден дел од македонскиот народ, кои поради познатите историски фактори, неповратно тонат во заборав. Познато е дека основниот постулат на дијалектот е територијата каде што тој се зборува. За жал нашите југоисточни говори во Егејска Македонија во поголем дел за време на Втората балканска војна, делумно и во Граѓанската војна во Грција, останаа без тој природен постулат. За илустрација да споменеме дека познатиот македонистички центар Кукуш, во летните месеци 1913 г. под ужасен притисок на грчката солдатеска беше буквално избришан од географските карти, таму, не остана ниту еден Македонец – староседелец, а и денеска нема автохтоно македонско население. Наша задача беше, преку анкетирање на бегалци, да го "заштитиме и одбраниме од заборав" (како што напиша проф. Бл. Конески во рецензијата за трудот "Кукушкиот говор") народниот живот на населението од односнава регија со сите негови манифестации: обичаи поврзани со одредени настани од личниот и семејниот живот, хигиена, болести (нивно именување и лекување), верување и суеверија, именувања во врска со меѓусебните односи, обичаи поврзани со раѓањето и смртта, веселби и забави, именување и одбележување на народниот календар и празници; куќата (изградба и именување на деловите), приготвување и видови јадења, имиња на посатки, именување на делови на воденицата, чување и одгледување на домашните животни, терминологија во врска со земјоделството, именувања во врска со ловот и риболовот (средства и обичаи), одгледување на свилената буба, термини во врска со пчеларството, природни појави и верувања во врска со нив. Од истите причини: да се регистрира сето она што претставува дел од животот на прогонетите Македонци од југоисточниот егејски дел, се вадени лексички потврди и од народната поезија, односно е претставен и извесен корпус од топономастичката номенклатура.

Авторот

***

Посебноста на овој речник, подобро кажано, на овие говори, е во тоа што тие го загубиле автентичниот простор на употребата, па нивната територијална припадност и внатрешна диференцијација е своевидна реконструкција (со исклучок на исписите на постарите дијалектолошки студии), направена врз основа на анкетирање на информатори кои живеат надвор од автентичниот простор; тоа е, значи, речник на дијалектите што веќе ги нема. Истовремено, тоа се говори во коишто при истражувањата не се регистрира само актуелната состојба, туку низ архаизмите се бара и дијалектната основа на кирило-методиевскиот јазик, поради што тие привлекувале и привлекуваат внимание не само на домашни туку и на странски слависти.

Освен фактот дека речникот содржи изнимно богата лексичка, фразеолошка и текстовна граѓа, делумно дури енциклопедиска, важни се уште два фактора: 1) делото, заедно со обемната авторова монографија за едниот од говорите од ова подрачје, т.е. за кукушкиот говор, претставува величествен споменик на Македонците, кои во 1913 година биле прогонети од нивните родни села од Егејска Македонија и се расеани на сите страни на светот, дури и преку океанот, и 2) обемната напорна работа - секако и со користење на граѓата од заедничкиот проект – веќе трета деценија ја врши авторот сам, проф. д-р Коста Пеев. Речиси 30 години на редактирање, внесување податоци во компјутер и речничка обработка – сето тоа, бездруго, за секого што не се чувствува погоден од судбината на земјаците кои останале без дом, би било неприфатлива жртва. На оние што пишуваат, а немаат работа со бројните посебни знаци за фонолошки запис, 1000 страници можеби нема да им се чини многу, но сите оние коишто се занимавале со тоа секојдневно и знаат дека и чудесната комјутерска технологија сè уште нема донесено комплетни решенија за одделни проблеми, можеме само да се восхитуваме на авторовата трудољубивост, истрајност, трпеливост и

непоколеблива волја. Колку тешкотии и одрекнувања, а и неопходна подршка од страна на најблиските во сите тие години било потребно, можеме да заклучиме од посебните попратни текстови - посвети и заблагодарувања на авторот.

Горенаведеното можеби некому ќе му се чини редење на детали, но факт е дека тие се клучни за создавање на делото за коешто можеме само да посакуваме да биде остварено до крај, до последната македонска буква, т.е. до Ш. Така Македонците ќе го добијат својот далеку најобемен дијалектен речник, а оние што се занимаваат со споредбена граматика, односно со етимологија ќе добијат обемна граѓа од јужниот раб на јужнословенските јазици.

prof. d-r Vera Smole, Filozofska fakulteta
"Jezikoslovni zapiski", 12\1, Ljubljana, 2006

Јазикот на Македонците од Егејска Македонија има особено историско значење, бидејќи тој е продолжение на јазикот на Светите браќа Кирил и Методиј. Со книгите "Кукушкиот говор" и тритомниот "Речник на македонските говори во југоисточниот егејски дел" Коста Пеев не само што го прошири етимолошкото богатство на сите сродни јазици, туку прави голема услуга на македонскиот народ, бидејќи го спаси тој драгоцен и изворен материјал од заборав.

д-р Јозеф Шалерт, проф. на Универзитетот во Торонто, извадок од промотивната реч („Македонски вести", бр. 2, 2006 г.)

***

Професорот Пеев за прв пат го имам сретнато пред 20-тина години во Редакцијата на "Студентски збор" во Скопје. Ние тогаш ги започнувавме нашите кариери, а тој го печатеше своето големо научно дело – "Кукушкиот говор", неприкосновено поставувајќи стандарди во нашата лингвистика од кои нема отстапки ниту денес. На тие средби д-р Пеев оставаше длабоки впечатоци врз мене и ред други македонски новинари и писатели, кои, еве веќе навлегуваме во зрелото доба на нашите животи и слободно може да речам имаме длабока почит кон посветеноста на д-р Пеев да ги промовира исконските говори од Кукушко, Воденско, Солунско, Серско и др.

Д-р Сашко Насев
амбасадор на Република Македонија во Канада, Отава (извадок од поздравното писмо)

Посвета

Трудот им го посветувам на моите родители, личности што усрдно се грижеа за мене и го разбудија мојот дух.

Авторот

О

о (< **го**) pron 'кратка форма за директен објект од **он**' ~ *о-зăвăрува дек сă-ýме, му-вéле: "Тáте, шó сă-ýмиш?"* [ПД,144]; ~ *и трéтјо: пăт мóмта пá óде на-кăд Кéл'жо – такá гу-ј-скăрáли ímто... О-закăрáли, нé уф-куна́ците, цáро имáл гăскáрник, тáм уф-гăскáрнико гу бýтне* [ПК,2(231)]; ~ *и прáве свáдба, óде тóо – íч нé о брăснат* (= не му обраќаат внимание) [ПК,-2(231)]; ~ *сјá: шó-к сă-рóде, áко-ј пá мăшко к'-о:-фăрл'ум нă-ґýбрăто. И пá мăшко... зéме фăрлúла-о нă-буни́шттo* [ПК,2(233)]; ~ *И тáвá мáч-то о-фáште у-стáпо, гу клáве уф-нéбо. Замăркнáло вéчарта, óде дóма и нéго о-клáве тáм прă змúйата* [ПК,2(262)].

о (< **од**) praep 'укажува место од каде нешто се одделува' ~ *царјут беши собрал собор, тога викнал, ха донесе жената и двете малки отпрет соборот. Хем му рече жената на царјут: "царју, дали ки можиш да познаиш, кој малко е твој о-тиа двата"* [V,PM,233]; ~ *и кату гу фтаса на пăнтјут, му вели: "е ти, побратими, што знаиши, ча за падна о-дарвото, знаиш и кога за умра! молим да ме кажиш"* [V,PM,223] – во контекстот се забележува присуство на остатоци од назалниот изговор (**пăнтјут**); в. **од**.

о:, о:, о: interj 1. 'за изразување пријатно чувство' ~ *о:, о:, о: - гу гл'éнда м'éчката - кáк сă пукáци Тартанóхч'а тáмана* [MS,t,51]; **2.** 'за поканување, односно за повикување' ~ *отúде пáк на онová грáт, са чинú тевдúл и фатúл да продáва смóкви... Тогáс отúде при цáрјувите конáки, викнá: "о смóкви, о!"* [V,PM,29]; ~ *тогај му вели јудата Зарзавила: "о!! ти си ида на цар наш дете? Мене ме пусна татко ти да ти земам. Јазе сам аскер на него"* [V,PM,155] – во случајот имаме 2 посебности: прво во врска со линеаризацијата, имено атрибутот доаѓа зад именката на која се однесува: **цар наш**; второ – изразување на заменската придавка 'негов' описно со 'на него': **јазе сам аскер на него**.

Обајата top. 'име на село во Валовиште'; според Ј. Иванов од тур. **oba** 'времено живеалиште на цигани, чергари' [ЈИ,МИ...,с. 165].

обала f 'морски, односно езерски брег' – иако информаторот го употребува зборот **обала** сепак е свесен дека се работи за позајмен збор и го објаснува со народскиот "**крај**" и вика: *"А бé сáкум дă-мă-извóзиш", рăчéл, мáлце. "Ми, áj, рăчéл, влéзи". Фл'ăзéл, испáднале тăкá стутúна мéтра ут-крáјта, вúкăме ни:, уд-óбăлта нă-фнăтре* [ПД,146].

обане (се) pf 'се искапе, се избања' ~ *л'у ја виде, и му се наумило да ја залиби, ела не може ништо да устори, дур не земе изим от стара си мајка. Ја дур да иде да пита мајка си, тија може да се обане и да иде при маж'о си* [V,PM,265].

обе́ла pl.tt. 'волнени завивачи, како ленти, се замотуваат околу нозете (под колената)' ~ *пáмнум и дрýго, сé уф-нáс чéтта а-нусувáа. Кá ќи-дójдат, тáтко си-ублéче: двé чúфта обéла, кужýф, бăлтóн. Нă-дрýмут ќ-óот дă-j-прăчéке, зăдă-дójдат уф-нáс. Чúко па ќи-брáне кучúнта* [ПК,2(294)].

обере* pf 1. 'собере (плодови од овошно дрво)'; 2. 'опљачка' ~ *девójкáта стáна да си úде на сéлуту и са ч'ýдеше, дáл зéме н'ашту, и си рéче: "Сегá некá са кóртолúсам, и сéтне пак шта са вăрна да си óберам змúјуви сарáе и сúнку да си кердóсам". И стáна мáла мóма та си отúде* [V,PM,260].

обесе* pf 1.'со стегање јаже околу врат задави некого' ~ *така и царјут, кату чу така, л'у утрината порăчал да гу обесат... истом фăрлиха вăжету да гу обесат, тогас веки детету му рече* [V,PM,57]; ~ *царјут му вели на харамиата: "а бре л'уд дилиа, как не си си уплашил ут мене, да не кладам моја л'уди да ти врăзат и да ти убесат"* [V,PM,211]; ~ *тја му вели на царјут: "јазе за го сторја да отговори н'амојут!" И она кату не можја, земаха да ја обесат* [V,PM,192]; 2. – **(се)** ~ *да знáеш óти ки гу изјáдиш имáниту, та сéтни нé ти чáка дрýго, сáмо да úдиш éту на оновá дарво висóко, што је нетрú аф бахчáта, да фăрлиш еднó вăжи да си обéсиш* [V,PM,7]; ~ *и тójнака веки не мóжиши да тарпи пéзите, едúн дéн земá еднó вăжи, ...кату как му порăча тáтко му, да си обéси* [V,PM,7]; 3. 'закачн нешто некаде и го остави да виси' ~ *отúдоха мăра пăт и на пăтју нájдóха едúн водинчáрки кáмин. Речé барлúвоју: "бráте, éту на мájка ми прéслинот!" Гу земá и гу обесú на пójасот* [V,PM,126]; ~ *кату чу така Грују Шкиндерлиа, му са виде лошу, и заедноч извади неговата остра сабја, фати пăрво стар Хајдара, стар харамиа, гу чини четри парча и гу обеси на четри пăтишта* [V,PM,78]; ~ *тјанака как отиде на баирот, тогас тојнака излези от врекиту, та таму от вăнк кăштата имало едно теле, што пасјаши, отиде гу фати телинто, гу враза нетри на врекиту и гу обесил зарди него* [V,PM,104].

обесен* adj 'закачен, оставен да виси' ~ *кату влезоха у старата кашта, виде детенто обесени млого кожи човечески; питаши на самовилината мома: "варај самовилина хубава мома, отшто са тиа кожи така обесени тука?"* [V,PM,217]; ~ *здигнала очите и, виде аф чингел'ут имаши обесана една мрăша от човек одран* [V,PM,62] – нерегуларна употреба на предлогот **аф** 'во', наместо 'на': **аф чингел'ут имаши обесана**, во истиот контекст може да се следи и присуството на гл. конструкција **има (нема) + гл. придавка**, и тоа од првичната фаза кога придавката се сложувала по род и број со предметот на кој се однесува: **виде аф чингел'ут имаши обесана една мрăша**; ~ *га погледна сос грозност и га вели: "е, балдузу, сега и тебика ти докарах тука! Гледаш тиа мрăша обесени? Тиа са твоите двете сестри!"* [V,PM,63] – во контекстот

имаме нерегуларна употреба на кратката заменска форма **га (ја)** во функција на неправ предмет, наместо **ѝ**: **га вели**, покрај редовната: **га погледна**.

обесовани n 'настанот кога некој ќе биде задавен со јаже' ~ *отивах капа вечир на лалавата кăшта, но некоја лошотија не чиних, само ме гледаха и ги гледах, дури веки ми докараа на обесовани* [V,PM,58].

обешта* pf 1. 'вети нешто' ~ *тéнака имáли еднá лéл'а от мáјка и сéстра. Она пуснá, гу земá тáсу сóс марифéт, та тјáнака не можá да чúни оновá, што обештáла, и цáрјут га изгóни* [V,PM,141]; **2.** 'порача' ~ *ем мо вел'ат и говорат: "море, крали, наш гос., ела да видиш крăпачината жена, да се пречудиш, като неа нема на дун'ата". А крал'у му обештал на сеизите, да одат да мо ја донесат с крăпачино во конакут му* [V,PM,243]; ~ *а сиромахо крапачин и отишел крај морето, кату как мо обештал жена му, и мо дал арапино 40 јајца* [V,PM,243] – уште неколку примери за "несигурната" реализација на неакцентираните **о** и **у**, во случајот се работи за "обратна редукција" – неакцентираното **у** се реализира како **о**: ***мо** обештал*; ***мо** дал; да **мо** ја донесат* и сл.

обземе* pf 'приграби за себе, земе' ~ *на нáс бáрчúна úма адúн друк змúју, та тój úскашја да та грáбне, пак já, óти му надвúвам и привáрих та тá обзéх, и сегá тój ма млóгу гарезú и тéра колáј да ма отрéпе* [V,PM,260].

обúде* pf 1.'посети некого, нешто' ~ *гуворúа, и му сạ рéкле на нéго: Мúнан си тú ут Галилéа? Пáлај си, и óбиди óти Профúтин човéк уф Галилéа не испáги. Да пак вúки Ис... а викá, ém вéле: Já-сам вúделот на сфétут; кój úди пу мéн, né ị кабúл да си пуóди уф темнúца* [MV,K,262]; **2.** 'го испита вкусот, квалитетот' ~ *óбид-гạ мáнцйата, дạ-né-ị сулéна* [ПК-(Грам)]; **3.** 'проба да стори нешто' ~ *ка си наближú óн, му питá на нéгу, и му вéли: Шо сáкаш да ти чúнам? И-јóн рéкạл: Афéндо, да разглéдам. Ис... ричé на нéгу: Обиди; вéрата твóа ти лекувá. И на тóа саат си привидé, и óдиши пу нéгу и му слáвиши на Бóга* [MV,K,280] – во контекстот имаме нерегуларна употреба на кратките заменски форми: дативната **му** наместо фор. за прав предмет 'го': ***му пита на нéгу***.

обиколи* pf 'помине по пат што врти, т.е. оди наоколу, а не право' ~ *"кога ке да дојди?" – "Да ти кажа. Аку обиколи, скору ке да дојди, ама прав пăт ако дојди, ке да забави"... "Не саках да обикол'ам, за да не забавјам"* [V,PM,55].

ọбикóлка f 'прошетка во блиски или далечни места' ~ *"... ти миспрáти и-ác пристанáх, станáх зéт! Сéạ, вúка, шọ-е, заéдно ќеживéемạ". Нạнóвọ гóзбạ. Станáле прија́тели. Е дóбро. "Сéгạ соснев'áстата, кạжáл, ќе нạпрáјми еднá ọбикóлкạ от Амéрикạ ќе-дójдими у-Сóлун"* [ЛС(К),126].

обичеј m 'стара манифестација, установена во народниот бит, длабоко вкоренета, често поврзана со религијата, семејните односи и сл.' – сп. го описот на обичајот **отбратки** (в. таму): ~ *На субота па час от на 9, сватот за собере неколко мажи и жени. За везмат л'ап, вину, јадени. За подат на нивјастинската кашта, да повидјат младиту. И на обичеј конец. И на мене радост*

[V,PM,251]; и: **обич'аj** ~ *двете преднини плешти от овенот не ги варјат, туку така соревo месо, едната ја заневат на попот у дома и едната на кумот. Тава обич'аj са чини на жертвите* [V,PM,252].

óбичин* adj 'нешто што не се разликува од другите слични работи' ~ *кáде нáс нúй сáмо ọбично прáвйме, óбично сúрне, úнйче кйшкйвáл, тйквú рйбóти нé знájме дйпрáвйме. Гу-клáвйме уф-сйлймýра* [ПД,156].

óбично adv 'кога нешто се случува често, односно секојдневно' ~ *áку сáкиш млéку дй-путквáсиш, зй-дйстáне óн кúсйло млéко зй-чýкне, óбично и-гу-јáдйме тóй... уд мйтнúцйта ки-тýриш уф-нéго и-óн сйфáште* [ПД,156].

облагна (са)* pf 1. 'кога некој ќе се најаде слатки работи, т.е. ќе се заслади' ~ *дојдé врјáме, узрел'áа јáболките, ки дójдиши лáмјата, га јáдиши јабалките. Јáди едномто, са облагна лáмјата, дојдé дрýг вéчер, га јáди и дрýгата* [V,PM,135]; 2. fig. 'кога на некого ќе му се допадне нешто и често се навраќа на тоа' ~ *видох на врйх кирамидите лйскаши едно нешту, и јазе кладох една скала, са укачих на кирамидите и најдох неколку карагроша. Кату га најдех, си облагнах та фатих по сичката кашта да терам* [V,PM,40]; односно 'се подлаже' (според Ст. Романски) ~ *кату га најдех, си облагнах та фатих по сичката кйшта да терам* [V,PM,551].

óблак m 1. 'згусната водена пареа, високо во небото од која може да заврне дожд' ~ *му кажува: "синку, кога ки видиш некој облак и да дйжди, тинака да заприш на една страна, дури да промине облакот!"* [V,PM,93]; ~ *зададе се темен облак,[од врв Пирин Планина,[не ми беше темен облик,[тој ми беше турски зган* [БВ,100-101]; ~ *и стáна нас мáгла гол'áм óблак. И тој като стáна... агá бjéше на вратата на пештерéта, и нат нéк от гóре дójде другие óблак и погйрмjй сас óган, са фйрли гróм* [V-,PM,260]; 2. изр.: **фати облак** (= заврна силен дожд), односно: **мина облакот** (= престана да врне дожд) ~ *са уми лицето, са прикйрсти и киниса да иди. На пйтју гу и фатил един дйж, един страшин облак. И заеднош му фтекна на него, што му речи дјадоту, и запрјал на една страна, дуриде мина облакот* [V,PM,93]; сп. благослов: **куту облак да са туваре** (= кога некој пожелува дрвото да даде многу род) ~ *Госпуд да даде колко листе толко груздаци; куту облак да са туваре, да бериш да не са дуберуве* [ТГ,333]; (сп. уште: **óблач'е-ту** dem. [MS,s,77]).

óблач'ну (и: **óблаш'ну**) adj 'се кажува кога времето е тмурно и има облаци' [MS,s,77].

ọблéкава impf , в. **ọблéче** ~ *Срáдин Ома ọтúшал нá-свáдба, áма ọтúшал скúнат, не-ọблечáн. Сúте сéдат, нéго не-го кáнат... Изл'áва ọт-врáтата, си óде дóма. Се-ọблéкава кáо барóн, óди тáм. "О, дóбре-дójди Срáин Ома". На-нájўбавóто м'áсто го-сéдат* [ЛС(К),120].

ọблéклọ n 'она што го облекуваме, алишта' ~ *пóсли кал'тáтата кúму-тýри тáквóто ọдгóри, рýбити, шо-кú-му-дáj кал'тáтата, папýци, фустáнчи, ákọ-е девójче сè, ц'áло ọблéклọ* [ЛС(К),136].

ọблéче* pf 'стави облека врз телото' — кога некој ќе тргне на пат, најблиските го советуваат: "*си облечи*

некуа ветка дулама, некуј скапани барнавези, оти не знајш каква сре-ќа ки та сретe" [ТГ,417] – во контекстот имаме пример интересен во врска со линеаризацијата, имено во заповедниот начин кратката заменска форма се јавува пред глаголот: **си облечи** (м. 'облечи се') – за ова в. "Необична иновација во долновардарските говори" (од П. Хр. Илиевски – К. Пеев, *Македонски јазик*, 34, Скопје); ~ *тогас синот му со́с мло́гу жал остана расчу́ден, и сичката му кӑшта си облечи́ха на че́рни дре́хи, фати сино́т му, со́с мло́гу сла́ва и че́ст гу зарӑ та́тко му* [V,PM,7] – во текстот среќаваме проширена употреба на предлогот **на**, во случајот наместо 'со' (**си облечи́ха на че́рни дре́хи**); ~ *му ве́ли: "бра́тку, ко́лку за дре́хите, што ми дадé да си о́блека, благода́рим ти, а́ма за́ наса́т не мо́га да си вӑрнам, ча си оплаши́х мло́гу. Ја́зе ти са мо́л'а: не́мој хо́ждаш на врӑх вӑлко́т ја́гне?"* [V,PM,21]; ~ *отивах ката вечир на лалавата кӑшта, но некоја лошотија не чиних, ...кату чу така царју́т, поверува харну ча тој е негоф син, гу зема заедноч, гу облечи сос царски дрехи* [V,PM,58].

облечен (и: **ọбл'а́чạн**) adj 1. 'кога некој има облека врз себе, кога не е гол' ~ *гла́с се-чу́је от-Солу́на,[от-Солу́на до-Куку́ша[си́те ма́јки расплака́ни,[и со цӑрно облече́ни,[си-го-жа́л'ат Го́це Де́лчов* [ПК,2(235)]; ~ *купиха еден таким руби хубави, го ублекоха н'амојут, гу сториха гулем базирѓанин, му дадоха и еден гол'ам чибук на ренката... седна н'амојут облечен* [V,PM,177]; **2.** 'кога некој врз себе има убава облека' ~ *ви́ка̣: "Не́-е тва́ ја́дини за̣-чọв'а́кọ, за̣ а̣ли́штата̣-си. Оти ọбл'а́чạн. Ас ква̣-до́јда̣х, ни́кој не-ме-пока́ни, се́а̣ за̣-а̣ли́шта̣та̣ ме-ка́нити"* [ЛС(К),120]; ~ *Сра̣ди́н Ома̣ ọти́шал на-сва́дба̣, а́ма̣ ọти́шал ски́на̣т, не-ọблечạн. Си́те се́да̣т, не́го не-го ка́на̣т. Си́те е́да̣т, не́го не-го ка́на̣т. И о́н ни́кој не-му-ọбрӑ шта̣ внима́нии* [ЛС(К),120] – за употребата на **он** место 'нему', в. кај **ọбрӑшта̣**.

обложи (**сă**) pf 'кога две страни ќе се договорат за нешто што треба да се случи допрва, а при тоа имаат различни ставови, и тој што ќе изгуби ќе треба да исполни извесни барања кон другиот' ~ *овчаро рекал: "Ако ни јӑ излага, кога că вӑрнеш от тӑрговијӑтă си, шта ти дам фрет овците, пак ако јӑ излага да спием дома ти, да ми дадеш и двӑтă конјӑ алтањӑ, што караш". Обложили că тај* [V,PM,280]; ~ *овчаро că ч'удил, што да прави, и утишел при еднă старӑ бабă магесницӑ, на котрӑ казал, как că је с тӑрговецо обложил* [V,PM,280] – во контекстот среќаваме лексички архаизам: **котрӑ** (= која), сп. стсл. **къторъıи**.

о́блӑк m 'предниот дрвен дел од самарот' [ПК,2(82)] ~ ако коњот е "аџамија" и не сака право да оди, од **угламникут** ќе му направат **ни-шандрк** или **нл'мек** и со тоа ќе му ја стегнат долната вилица, а крајот од јажето ќе го врзат за предната страна на самарот што ја викаат **облак** [ТГ,419].

ọбо́р (**и: убо́р** – степенот на редуцираноста често варира, причините се различни, за ова в. граматичкиот дел) m 1. ~ *сă-ви́ке зăгра́дăнто, што́-ј зă-сто́ка, не пукри́јно, дво́ро на пујáтта, то́-ј убо́р* [ПД,126]; **2.** top. **Обăр** 'име на с. во Пазарско' ~ *на во место течат ув морјто читири "јужно"-македонцкји рекји:*

Галик, Вардар, Кара-Азмак и Бистрица; нај на угри-слăнца уд них се наогја и нај на ветерут тече ув морјто Галик и нај на југ Бистрица; Кара-Азмак (што извира Пајик планина кад с. ***Обăр*** *и...)* [МЕ(Р),72] – во контекстот се забележува беспредлошко изразување на додатокот за место: **што извира Пајик планина** (м. 'во Пајик планина'); на тој начин се потврдува аргументот дека југоисточните говори биле силно опфатени од влијанието на балканската јазична алијанса, впрочем како и говорите од западната периферија.

ọбóри* pf 'успее противникот да го легне на земја' ~ *на ọнóа вр'áме имáло пеливани, имáло кај-нáс нàпàнàгúритọ... Бéгọ шọ-бúл тýка, глéда, кàýрọ пóсúлан. Спрéма бóрбàта пóсúлан. Амà гọ-и-срáх чọв'áко. "Немój дà-ми-ọбóриш, óти ýтре..." Тýрчинọ се-зàкáнàл... тúà Тýрци влàдéеле* [ЛС(К),122].

óбрас m 1.'страна од лицето на човек' [MS,s,77]; ~ *сиромахут сос жената му, кату видоха таков рахат некој петнајси дни, фатиха образите му да са чинат бели црвени кату јабăлка* [V,PM,64]; ~ *тогас ламјата гу пл'уна на образот и му искара капата и му вели: "ету ти а капата ти"* [V,PM,28] – во случајот имаме двоен сигнал за посвојност (**ету ти а капата ти**); 2. 'лик, лице' ~ *и кóга пóстити, ним да си чúнити катý óпаки жалóви; шо си расипýат лúцито нúхно, да си пýл'ат на сфéтут шо пóстат... илим ти кóга пóстиш, мáжи си глáвата, и мúи си óбразот; да не си пузнáваш на л'ýдито шо пóстиш* [MVK,282]; ~ *му вéли на нúа л'ýди, што сидjáа на мезлúчjут; им вéли сос зáтресна глáс и сóс расúпано óбраз: "господáри, динéска ви приказýвам и казýвам прет вáс, ча тóс сиромáх нéма нjáкој кабаáт!"* [V,PM,28]; ~ *"ми е жал, да не си одавиш. Ела, јазика така ке да ти га дам момата!" Али тојнака са обăрна образот каде царјут и му вели така страшно-страшно...* [V,PM,61]– уште една потврда дека во овие говори се среќава сврзникот **али** со адверсативно значење: **али тојнака са обăрна образот**; ~ *таја Цăрнодреха имаши образо и извадено на кадро. Кадроту му гу дади на мажо ú, му рече: кој час ке да загуби кадроту, тога ке да га загуби и неа* [V,PM,52]; ~ *и заедноч са изменил на образут и онова час отиде да види неговите карагроши, дека га имаши, дали стојат сички* [V,PM,21]; 3. 'слика, одраз' ~ *и ету дојде царјувут син, кон'у да напуи в чешмата. Кон'ут вода не пијаши. Тогас царјувут син, кату виде нетри у водата да нема ништу в куритата, да и видел образот на сандукот* [V,PM,214]; 4. 'физиономија, изглед' ~ *и си качú гóри на планúната да си мóли. Да тáму шо си мóлиши óн, му си чинú обрáзут úнакфу, па рýба му бéла си лăскаши* [MV,K,326]; 5. изр. **му дáве ọбрáс** (= го подржува во недоброто однесување) ~ *за-тóо óн зúме сúла óт ти му дáвиш убрáс* [ПК(Ал)]; **да му убели образ** (= да придонесе за достоинството на некого) ~ *и они кату отидоха сите рет на рет, на чилиби Теодорак го чистин'асаха. Пак си собераха набун на Мариновата магазиа, фатили един на друг да вел'ат: "ох! да можими на чилиби Теодорак да му убелими един образ"* [V,PM,164].

Обрештóво top. 'место, ниви во околината на Г. Броди', според Ј. Иванов од стсл. **обрьш** 'високо, стрмно

место' [ЈИ,МИ...,165].

ọбрăнọва (си) impf 'се обраќа', в. **óбăрне (се)** ~ *сигá тúва на-дрýга удин'úца и тáмọ пák кúсé дирминц'úја нава. Ме-вилú: "Рáстовáри товáрọт!" Си-ọбрăнọва мувилú: "тáткọ-ми ми-реч'и: на-кúсé дирминц'úја да-н'ạ-мéл'а брáш'но". Си ọбрăнава му-вилú дирминц'úјата* ...[ВБ(В),344].

óбрăнч' m **1.** 'железна направа, лента во вид на круг, служи за стегање на штиците на буре или бочва' ~ *прáјат óбрăнч зạ бăнчвạ* [Пс,С(З)-66] – сп. остатоци од назализмот: **óбрăнч**; **2.** 'кружна лента од дебело железо, служи за стегање на деловите на тркалото од запрежна кола' [MS,s,77].

обрăса* pf 'помине со крпче по нешто, избрише' ~ *по вечерата му артиса малко ширбет, гу покри сос чиста брасалка; кату легна, заспа. Стана тас мома, отвори сандукот, гу јади ширбетот и сос брасалката са беши обрăсала устата úи* [V,PM,235].

ọбрăштạ impf 'се обраќа, покажува интерес' ~ *Срадúн Оџа отúшал нạ-свáдбạ, áмạ отúшал скúнạт, не-ọблечạн. Сúте édạт, нéгọ не-гọ кáнạт. И óн нúкọј не-му-ọбрăштạ внимáнии* [ЛС(К),**120**]; уште една потврда дека "падежниот систем" кај заменките е редуциран, во случајот формата за номинатив **он** се јавува во функција на датив, место 'нему': **и óн нúкọј не-му-ọбрăштạ внимáнии** (м. 'нему нúкọј не-му-ọбрăштạ внимáнии'); други примери од овој тип в. кај заменката **он**.

ọбýфки pl 'она што се става на нозете кога се движиме надвор, чевли' ~ *тúа живéели вạф-Мúсạпотáмиа. Тýка кај-Цaрвéнọтọ мóри... и милувáј-гọ мáлọтọ, се-му-купóвạ, нóви ọбýфки, нóвọ твá, ọнọвá. Тúạ брáти кáкọ брáти гọ-зạвиждáли* [ЛС(К),111].

óбăрне (се) pf 1.'се сврте назад, настрана' ~ *Тогас цaрјувут син, кату виде нетри у водата да нема ништу в куритата, да и видел образот на сандукот. Тогас си обăрна та и видел гори на дрјавото, та и видел сандукот, што лăскаши* [V,PM,214] – во текстот имаме употреба на сврзникот **да** во комплетивни, интенсионални дареченици: **кату виде нетри у водата да нема ништу** (м. 'кату виде нетри у водата дека нема ништу'); и: **обвăрне** ~ *и, кату си напила млогу вода, патката са обвăрна да ја види, и л'у са обвăрна, и заеднош свјаста му са зе* [V,PM,279]; односно: **обурне** ~ *му вели на јунакот: "...мајка ми ки дојди по морету, ки ти тера, ти да не си варниш да ја видиш, ча, л'у да си обурниш да ја видиш, тја свјаста за ти езми"* [VPM,279]; **2.** 'се наведна со лицето надолу' ~ *Квá ќиýмри женáтạ, пóлạ свéт паднýва зạмажó. Или мажó ква-ќи-ýмри заженáтạ... ạ-áс ква ќи-ýмра, áкọ милýва зем'áта нéк се-ọбăрни нáопаку свéтọ пáднạл зạ-мéне* [ЛС(К)-120]; **3.**'се поврати' ~ *óбạрни си нáзут на Сфéти Ав... и двéти Евангéлиа; лúста* 75 [MV.K,311].

обăрт m 'засечен кружен дел покрај ивицата на дното на буре, таму влегуваат страничните даски, во западните говори: **јатор**' [ПК,2(82)].

Овá оргá top., според Ј. Ив. од тур. ova 'поле', orta 'среден' (Д. Пороj, Валовишко) [ЈИ,МИ...165].

óвди (< **овде** - со редукција на неакцентираното **е** > **и**) adv 'на ова место, тука' ~ *"А-би зáштọ си-мáчити вúа с'áкọј дéн' дạ-дóјти óвди, нạгóри*

на̀до́ли за-во́да. Ас сам-ре́шал да-на̀пра́а еди́н ка̀нал" [ЛС(К),117]. Во зборо-формата **ма́чити** се работи за превид на фонетско ниво, било од страна на информаторот, било од страна на запишувачот, зашто: "на местото на старата носовка од заден ред во коренските слогови во кулскиот говор имаме рефлекс **ӑ** со алофон [**а̀**] во неакцентирана позиција".

овен* m, zool. 'машка овца' ~ *кату излезе млогу царски аскер, ги најдоха харамии аф една гора, аф едни студни води: овни пичаха да јадат таму* [V,PM,66]; ~ *двете преднини плешти от овенот не ги варјат, туку така сорево месо, едната ја заневат на попот у дома и едната на кумот* [V,PM,-252]; ~ *тја́нака му ве́ли: "е́ту та́мо и́ма две́ овни́, едно́ бе́ло, едно́ царно: а́ко вја́хниш на царното, ки ти изва́ди а́ф ца́рна зе́мја понадо́лу, ако вја́хниш на́ бе́лото, то́ј ке да ти изва́ди на бе́ла зе́мја"* [V,PM,135]; во Гевгелиско е запишано: **овин** (со редукција на неакцентираното **е** во **и**), со следново објаснување: младото од овцата во првата година се вика **јагне,** во втората година машкото се вика **шилеже,** женското **звиска;** во трета̀та година машкото се вика **коч** или **овин** [ТГ,374]; top. **Овна́рска ста́рга** 'место мѐѓу карпи' (Зилјаховско), сп.: **ста́рга** 'сточарски термин – тесен простор низ кој помилуваат овците кога ги молзат' [ЈИ,МИ...165].

овене* pf 'кога растението ќе престане да вегетира' ~ *влегла мома во градинче,[цвеќе да бере,[как што брала там заспала,[под трендафилот,[– Стани, стани малкај моме,[стига си спало,[твојто цвеќе што с-убрала,[ти овенало* [...].

овреин* m 'некој што е од еврејска националност' ~ *и тја са исмами, беши ја заколила кокошта, ја направи харно. Пак оврејнот вели на неа: "ама со сé да ја готвиш, да не оставиш ништу от неа – и глава, и курем и сичко"...*

овчишки* adj 'нешто што се однесува на овца - овчи' ~ *беши изл'ал на чаршиата та земал една овчишка глава, ја готви за да вичери, и кату седна сос тајфата да вичерат, дошла котката, му ја зе главата* [V,PM,211]; сп. **о́фчъо.**

о́вӑрт m **1.**'краен дел од нивата каде што орачот врти со ралото' [ПК,-2(82)]; **2.** изр. **о́вӑрт-за́ва̄рт** (= постојано: помини, замини) ~ *о́вӑрт-за́вӑрт на-рики́ита;* исто: *де́цта о́вӑрт-за́вӑрт нӑ-ле́бо. Димек, гла́дни сӑ, ки-пуми́нат, ки-зами́нат, ки си-скӑршат ле́пче* [ПК,2(187)].

огасне* (и: **јогасне**) pf **1.**'направи да престане да гори огнот' (со тоа што не става дрва во огнот, односно што го покрил со пепел); **2.** изр. **срце да јогаснам** (= да се заситам со вода, да се успокојам) ~ *не сум ти јас лудо прилика за тебе,[на теб лудо младо дода сум ти јазе.[Вода Ленче да ми дадеш, вода да-с напијам,[грло да разлада, срце да јогаснам* [...].

о́гин m **1.**'нажежени гасови што светкаат – процес на горење, оган' ~ *зна́ат о́ти не́-ј не́гӑва та: па́шкӑта и ре́кли: "Аj ки-нава́л'ме о́гин, ки-ри́пме дӑ-ви́јме ко́ј ки-рипне о́гно"* [ПК,2(225)]; во Солунско: **вогни** ~ *изл'а́зи до́л, сӑ прим'а̀ни́, гу пи́та паш'а́та: "хи́ч' ни ви́д'а̀ д'ӑ́гунда̀ пуидин во́гни?" "ви́д'ах" – му вили́ то̀ј* [MS,t,54]; за време на силните летни горештини (околу Петровден) народот кажува: ~ *А Свити Петар*

(пишува: *Питар?*) *ка е* **стакнал огинут** (= силно го запалил огинот) *оди дá, да таја крава не са сваре* (м. 'не се сварува' – присуство на перфективен презент) [ТГ,15]; ~ *Тýрцте óот дạ-пл'áчкат и нáш сéло Крéцăво. И-нúх ги зăлóват тáм, ги нăпăлнăвăт уф-кăштта, нạпрăскáли гáзја. Сакáли нéкуј дă-ізлéзе, бúле глáфте му-бúли гóре. Имáло тạвáне нéли, зă-дă-испáднăт уд-óгино* [ПК,2(...)]; според Д. Иванов: основното занимање на бабата во селските куќи е да го **стăке огинот** [ТГ271]; **2.** кај Верковиќ: **оган** 'светкавица' ~ *и стáна нас мáгла гол'áм óблак. И тој като стáна... агá бjéше на врáтата на пештерéта, и нат нéк от гóре дójде дрýгие óблак и погăрмjằ сас óган, са фăрли гро́м* [V,РМ,260]; **3.** 'место каде што гори оганот, огниште' ~ *ój нáпрạви óгино, сáкум дạ-пéрум* [ПК,2(82)]; **4.** изр. : **са-фрле уф огин** (= се кажува кога некој ќе добие висока температура); народско лекување: на болниот му се дава да испие една чашка лута гроздова ракија во која има ставено мелен црн пипер... ако пак болеста доаѓа прво со ладна треска, треба да се причека, *па кога ќи са фрле уф огин* тогаш му се дава чашката ракија со црн пипер [ТГ,229]; **жив огин** (= вид болест што ги напаѓа малите деца кога по телото ќе добијат црвенило, како да се полиени со врућа вода, тогаш викаат дека детето добило **жив огин**). Болеста "ја лекуваат" на многу суеверен начин... [ТГ,124]; **Свити Илијув огин** (или: **Свити Илијув пек**) – така се вика времето на две недели пред Свети Илија, народот кажува (во Гевгелиско): во тие денови може на човека и мозокот да му зоврие [ТГ,15]; **уф óгино флéве** (= се однесува пожртвувано, без да се жали себе си) ~ *за другáр, зạ дéтто уф óгино флéве* [ПД,137]; **нúм флéви уф-óгинут** (= избегнувај ги конфликтните ситуации) ~ *áку нéкуј сă-тéпат тú ним сă-мéши, ним флéви уф-óгинут* [ПК(Ал)]; **сéде нă-óгăнут** (= се грее, се топли покрај оганот) [ДК,106]; **óгин вăрне** (= се кажува кога е голема горештина) [ПК2(187)]; **óгино пучнáл** (= почнале воени дејствија) ~ *спруму-Питрóвдин нạвéчарта нé сă-пугудúли Гăрцте и Бугáрто... Фăтúли вујнá, óти Сóлăн сạкáла Бăлгáрија да-гу дăрже. И кá-j зạфájкат нạ-нáште, уфжéтва, гóли, гóли бигáли. Огинут пучнáл ут Срéзăво, прéмạ Амбáр Кój* [ПК,2(Крец–308)]; со исто значење: **сă-запалúл óгино** ~ *áс óсум гудúни бúх. Мájка ми-răспрáвише кá сă-зăпăлúл óгино. И ут-тáм, нáште жнијáли нéкуј, тáтку-ми уфдиқáно. Флизéли Гăрцте, дéк нăjдéли кул'áли, типúли. Уф нáшто кój бúше устạнáл... и-збрáли уфцăркăфта, а зăпăлúли цăркăфта* [ПК,2(Гăр–321)]; исто: **óгино дујдé (врăс нáска)** ~ *А, ми кá, шó бидé! Ми éто óгино дујдé врăс нáска. Зăпăлúа Сóлун, уд-дóлу кýкушките сéла, сóлунцките сéла и-зăпăлúа. Нúй дур-дójме ду-Кýкуш, дур дójме ду-Крундúрци, нáш-сéло гу-зăпăлúа* [ПК,2(Драг–339)]; **утвурú óгин** (= почна да стрела со огнено оружје) ~ *уф-сéло Бáбjăни се-сфалú Димúтре Бăбjáнски, дујдé натăквú... сијмéните шọ-бéа... му викнá Димúтăр дă-се-придáдăт. Тúе утвурúја óгин и пучнá стрăжение* [ВЕв,295]; ~ *кó и-глéда чéтникут зăстáнáт су-пýшкăта тăкá зăтскрúено и утвáра* (огин) *ут-гóре су-пýшкăта. Гóре пăтóн úмăше. Утпăтóно фăтú дă-пýка. И утвурúја*

óгин [ВЕв,295]; исто: **кă-се-уткри́ óгинут** ~ *ти́е сéа шо-бéа тáму фсéлăто, шо-и-фáтија пéчес дýши исубрáа. Жéнте су-кăндúл'ките свéтат* (*кăндúл'ка* = вид примитивна ламба). *Они су-штúкуви тăкá измучúкаа ти́е, и-утипáа ти́ја сéдум дýши. Не мужáа...кă-се-уткрú óгинут ...и дрýзи ќе-бéреа* [ВЕв,298]; **оган држеше** (= стрелаше со огнено оружје) ~ *првата пушка шо пукна,[Марко вујвода г-убија.[Втората пушка што пукна,[... па му распрсна дружина,[Дине Дирманчов устана,[пет дена оган држеше,[у тоа село Пăтăли...*; **сме пумúнни прăки трú óгина** (= имаме многу претргано, многу сме измачени) ~ *зéт-ми и брáт-мо úмаа пéтстотúни óфци, сáмо нúх ги зимáа ... ги-дукарá прăс-Билáсца, прăки Сýj-Лáки и-нусúа нă-Рúлцката Плáнна. Е-е, нúă сме пумúнни прăки трú óгина брé, зăр адúн-ej нáшјо. Ми нúа сме гó·рни, прăгó·рни гá·ре* (употребата на кратката зам. форма **мо** наместо 'му' не е превид, ниту печатна грешка) [ПК,2(341)]; **слéзи óгин ут нéбито** (= удри гром) ~ *рéкле: Афéндо, сáкаш да рéчими да слéзи óгин ут нéбито, да му изгóри на нúх, катý как чинúл Илúа?* [MV,K,329]; **идин вогни и дава** (= запалува нешто, обично објект, односно имот) ~ *исл'áва ман'ж'ó, идúн вóгни и дáва на кăш'тата, ја згур'ăва и си отúва* [MS,t,12[; ~ *напкум на долнјут (Баа-бегувут) кунак, ут ка му дадеа иден огин нă аерут и сăмăлăкут ни ут биглúќ ни уд ништу не сă виде* [ME(P),89] – зборот **аер-ут**, што се среќава во контекстот е позајмен турцизам и значи 'помошна просторија во куќата за чување на добитокот'; во книгата односниов збор се третира за нејасен, односно непотребно упатува на можноста за "фонетско скратување" на зборот 'аскер'; **нé ми пудáги óгинто** (= не ми зборувај за непријатни и тешки работи); **óгин и плáмин éј: а.** (=се кажува кога на пазарот е голема скапотија); **б.** (= се однесува на дете што е многу темпераментно) [ПК,2(187)]; верување: **огин уф куќи да сониш** (значи: ќе ти се случи голема несреќа) [ТГ,313]; клетва: **огин да те изгоре, (пепал да не устане ут тебе)** [ТГ,313]; ~ *није влиземе Пăтăли,[пусто да устане Пăтăли,[оган да изгоре шпицуни,[скоро, на сатут кажаја,[силна путера пристигна* [...].

óгинче* n, dem. од **óгин** ~ *óди Мúцо, зéва ăднó мăгáре, тувáра ăднó кúло и пóл ичумéн, турýва нă тéмилито ут-зграáта гáзија ăднá тиникúја, му-клăдé óгинчито... изгурéа* [ВЕв,296].

огладн'аи* pf 'кога некој ќе почувствува потреба од храна' ~ *ти кажувам и на тебика: "...да сјачиш една парча месу от таја мрăша, да изготвиш, та, кога ке да дојдам от работата ми, да јадеми; ама тинака аку огладн'аиш по-напрет, да јадиш!"* [V,PM,63].

огневит* adj 'нешто што гори, што може да се запали' ~ *та утиде мајка му да пита и Бога, та и Господ хи даде изим и ја вели: "Кога дојде на небето таја жена, да не седи фаф ваше сараја, оти вашите сараја са огневити и ша ја испогорет"* [V,PM,265].

огни́ш'ти n **1.**'оградено место (в куќи или надвор) на кое се запалува оган'; **2.**'место в нива на кое има посадено семе (во случајот од лубеница)' ~ *иднó вр'ăми с'ăх на-крајóт на-ѓóлот иднó огни́ш'ти либин'úци с'ăми. Н'úкна дóл, фатú да-расте*

иднá властúнка, кадú ѓóлот, пулéка пулéка нарáсна тúди утáтак ѓóлот [ВЂ(В),344].

огоди (са)* pf 'се сврши' ~ *и сéтне момáта са огоди́ за едúн дрýк от сéлоту и са ожéни и породú до три сúна, штото сегá ч'ол'ак кату тјах нéма на јунáсту, штó са врјадни да дúгат ду пéтстотúн окú* [V,PM,260]; ~ *тă киткă слăнцограв била мома млого гиздава и умна, угодила сă за слăнцăто, и ăдна година ходили угодăни и сă л'убили и миловали, а сăтнă та оставила слăнцăто и са огодила за зорницăтă* [V,PM,287].

оголи (са)* pf **1.** 'остане без облека'; **2.** fig. 'остане без материјални можности, осиромаши' ~ *о-тамо си зема нивјастата му, отиде на каминот и нал тамо двете му братја, дип са беа оголили, ги зема о-татак, ги занесе на татковината му* [V,PM,238].

ограда f 'земјиште што се обработува покрај селото, градини', во стсл. зборот **оградъ**, освен 'градина' означувал и 'кошара', сп. top. **Марúнова Огрáда** [ЈИ,МИ...,165]; в. **јограда**.

ọгрéе* pf **1.** 'кога прв пат ќе се појави сонцето (наутро), или месечината (невечер), односно кога ќе излезат од зад облаци' ~ *ọгрејала месечúна, ọгрејáла месечúна,[крај-Јовáновете пóрти, крај-Јовáновете двóри* [ЛС(К)95]; **2.** fig. 'кога некој ќе доживее среќна околност, односно ќе му се случи нешто пријатно' ~ *и мéн ќи-ма-угрéе уднéгде сáмо чéкум дă-м-сă-вăрнат дéцта* [ПК(Мор)].

огри-сланца n 'страната на светот од каде што изгрева сонцето, исток' ~ *во село е един чифлик на тримина сајбији: Беса-бег, Сали-бег и Саул Модијано, се наогја на иден километр узгора уд друмут на* ***ветр*** [МЕ(Р),69] – со лексемата ***ветр*** се означува северна страна.

ọгрóзн'а pf 'кога некој ќе почне да зборува зарипнато' [ЛС(К),95].

од prаер **I** (со пространствено значење) **1.** 'за означување на место од каде што потекнува нешто, односно доаѓа некое дејство' ~ *рибáринот му отговорú на сиромáхот и му вéли: "сáкаш ли да га зéмиш, дáј едúн грóш, зéмај га!" Тогáс и кăрпáчинот извадú от пáзвата му едúн грóш, му дадé на рибáринат, га зéма рúбата* [V,PM,17]; ~ *и тој му вели на нихни бăрзоходеца: "стани, побратими, редот дојде на тебика!" И тојнака отиде при ламјата, и отидоха от далеку месту да си припуснат* [V,PM,45]; ~ *и тој му вели: "дај ти Бог добро!" Пак дјаволот му вели: "отдека идиш, дека хождаш!". И тој му вели: "от селото ми кинисах, на Стамбол да поди"* [V,PM,200]; **2.** 'упатува на оддалечување од некое место' ~ *Кулýф на нéго са искáза за сúчку, му кáза и за тáја лажá, што кáза на кадúата, и му са примóли, как да чúни, да гу отéмни от тáмо* [V,PM,12]; **II** (со временско значење) **1.** 'по' – упатува на термин подоцна од некој означен настан или време, односно кога почнува нешто ~ *кату си лéгнахми на пóстел'а, от нéколку чáс лóшу сóн засонúх, и сегá са чýдим* [V,PM,12]; ~ *му вели на царјут: "царју, јазе сега ки ида да чинам хазар л'аков и после от три дни ке да дојда да си фатја да ти излекувам"* [V,PM,36]; предлогот се јавува и во редуцирана форма **о(т)** ~ *и о(т) три дни сéтнé са éви адúн ч'ол'ак на окнóто и рýкна:*

"Побра́тимје, на́ ти за захле́те и за мл'акуто, што́то ма хра́нешје!" И фӑрли про́с (sic!) *окно́то адна́ зашие́на то́рба и сте́ше сабри* (во фуснота: *'сабори'*) *кӑштата, като́ фӑрли то́рбата* [V,PM,261]; од примерите што ги споменавме и од оние што следуваат излегува дека предлогот **от**, кога упатува на временско значење ('по нешто'), често го среќаваме покрај прилозите **после, сетне** – ка-ко удвоен сигнал: ~ *тогас змиата излези, фатила пак да играи, хем му речи на него: "јазе от три дена сетне за си умра; ти да ме везмиш, ди ми закопаш во твојут двор"* [V,PM,194]; ~ *и тја са беши научила дип харно сичките работи. После от малко времја и клала момата да ткаи една тенка камуха* [V,PM,194]; ~ *и кубила́та роди́ две́ жрја́пчета. От ма́лку врја́ме се́тни жрја́пчета са чини́ли бӑрзи ко́ни* [V,PM,144]; ~ *беши собрала кокалито, ги кладе на јасилот, четиријси дена ги лижиши тамо, и от читиријси сетни си чиниха кокалиту златени дрехи* [V,PM,205]; **2.** 'упатува дека нешто станало пред некој термин' ~ *му ве́ли: "аман, па́ша ефе́нди, ја́зика и́мах еди́н мӑш и бил џифаирџи́а мло́гу богат. От пет гуди́ни напре́т сос хизмика́рот ти́де да прода́ва џифаи́ри и, ња знам, на пӑтјут гу утепа́а"* [V,PM,27]; – додатниот сигнал, во случајот 'напред': **от пет гуди́ни напре́т**, во примерот што следува отсуствува: ~ *имало еден чувек млат, женет от три година, и Господ му даде едно мӑшко чендо* [V,PM,155]; **3.** 'за точно означување на времето кога станало нешто' ~ *детенто са чини от три години, го пуснаха на скол'уто да са учи, и детенто са беши научило харно* [V,PM,215]; ~ *кога са чини от петнајси години, беши чуло, ча една царцка мома ја беха зели самовилите, та ја затвориха у една златна кула, и са клали крив самовил да ја чува, да ја не открадн некој* [V,PM,215]; ~ *и тојнака оти-де еден ден на мајка му и га вели: "мале јаз си чиних от петнајси година јунак, и чуем децата да ми викат авџиоли"* [V,PM,41] – во контекстот среќаваме уште еден случај на употреба на сврзникот **да** во интенсионални, комплетивни реченици, наместо сврзникот 'дека': **чуем децата да ми викат;** III – со други значења: **1.** 'за означување од што е нешто направено' ~ *тогас ве́ки са чини́ това́рот: сиромахот направи́ та́мо една́ гимиа сѐ от злӑто, га напӑлни алтӑни* [V,PM,14]; **2.** 'за означување на припадност' ~ *и дошел на едно место на пӑтјот, излезе царјут от мравјатја: фатиха да работат мравјатја на пӑтјут, да го глӑтнат џјал* [V,PM,157]; ~ *и така зема пушката и отиде да улови, дека да најди, от чешмата мајката, и терајке-терајке га најде и га затӑкна* [V,PM,43]; ~ *тогас то́ј зему́ва еди́н чинге́л* (= железна направа со остри куки, служи за закачување), *оти́ва на буна́ро, фӑрли́ чинге́л'ут и вели́ на папади́јката: "Папади́јка, дали́ и́маши по́пот бра́да?" – "Ам ка́к, бре́ си́нку, по́п би́з бра́да би́ва ли?" Тогас изва́ждва от буна́ро от ко́зата гла́вата* [V,PM,43] – во контекстот имаме случај што потврдува дека во односниве говори се губи и вокативната форма: **вели́ на папади́јката: "Папади́јка, дали́**...''; ~ *те́нака има́ли една́ ле́л'а от ма́јка и се́стра. Она пусна́, гу зема́ та́су со́с марифе́т, та тја́нака не можа́*

да чи́ни онова́, што обеща́ла, и ца́рјут га изго́ни [V,PM,141]; ~ *дарвоту е би́ло хра́лопо, хем е било па̀лно сос драгоцени и млогу скъ̀пи ка́мини, што́то, кога́ си разби вра̀́хот от дарвоту, са беха истури́ли млогу џифаири* [V,PM,7-8] – како што беше истакнато односнава употреба на предлогот **од** (да изразува посесивност) претставува потврда дека јужните македонски говори биле силно опфатени од влијанието на балканската јазична алијанса и таа специфичност претставува алка за поврзување со западното наречје; **3.** 'за означување на причина, мотив' ~ *мло́гу си мо́лиши на Бо́га и се́кој де́н и дава́л милости́на на сиромаси; и от мло́готу му мо́лени Го́спод до́чу не́говата мо́лба* [V,-PM,7]; ~ *друг му-велиши: "от умо́ ти така́ стра́даш"; друг му ве́лиши: "таква́ гла́ва и́маш, таква́ ка́па ти перл'а́га"* [V,PM,7]; **4.** 'за означување на потекло' ~ *ја вели: "мале, мила мале, јазе за ти пита н'ашто, ама праве да ми кажеш... јазе дали от татко ми сејан сам, или от и́гуптин!"* [V,PM,182]; **5.** со значење на други предлози: **а.** наместо 'за' ~ *и кату за си исфа̀рши таја работа, тогас от јунакот за вра̀зат една ка̀тка, за ја варакосат с фарак...и еден пра̀стен од мјад* [V,PM,245]; ~ *да ти кажими: "аку га најдиш да спиј, гледај да ја закачиш за косата и́, та да нема сила да са врати, л'у аку га фатиш от друго место, ки ти изјади!"* [V,PM,52]; ~ *на̀-свика̀рвата ки-зе́ва̀а ки-му-а̀-изго́риа ша̀ми́ата, на̀-свекурут ка́па̀та. И по́сле ки-зе́ва̀ше киве́стата да̀-да̀ру́ва пре́д да̀-а̀-сва́л'а̀т. Ки-зе́ва̀ше сфе́курут ки-а̀-сфа́леше... Ки-а̀-фа́тише уд-ра̀ка̀та и ки-а̀-сфа́лише* [ВЕв(Ил)307]; ~ *тогај касапот за го труколи увенот, да го заколи. Утрината за го варјат да на една тапсја хлеп месјат от џа̀рква, сетне на ручокот за викнат комшијте си и роднините* [V,-PM,251]; **б.** наместо 'освен' ~ *и тој пак га викна момата пред гостут. Пак гостут га пита: "дивојку, от татку ти друг когу имаш?" И тјанака му вели: "от татка ми друг имам дјадо ми"* [V,PM,55]; **в.** наместо 'низ' ~ *"кога ки видиш матна река да иди, да не миниш от неја, дурде не утихне реката"* [V,PM,93]; ~ *от-тамо дојде на едно место, најде една рјака, што́то млого силно ва̀рвјаши, и нејната вода проминаши от стредја от морету и са не збра̀коваши сос муретy* [V,PM...]; ~ *и как влезе нетре от портата дјатенто, фати да ражи тајчинто, вел'ајке: "да не јадеш, калеко, от манџата динеска, оти ки утрујат с зехир!"* [V,PM,158]; ~ *хич да не си карат, л'у да отворат на градот портата, и "кој за промине нај-напрет от портата да дојди нетри, него да гу земите, да гу сторите џар"* [V,PM,-231]; ~ *ету и наречниците му излезоха, му вел'ат: "и това гледај, он кога спие кандилата му гори, тинака кандилата да га изга̀сниш!" И тојнака отиде, кандилата га изгасна, јурганут гу зема, от портата излезе* [V,P-M,75]; ~ *то́јнака га ве́ли: "же́ну, сно́шти засони́х, ча една́ какара́ска на бе́лујут о́л му фл'а́зи от уста́та му, та му изл'а́зи от га̀́зот"* [V,PM,30]; **г.** наместо 'по' ~ *кини́саа да и́дат кату на́ Стамбол; та еди́нојут оти́де от дру́г па̀т, дру́гиот оти́де от дру́г па̀т* [V,PM,144]; ~ *му вели: "братку...*

ету това кесе ти гу оставјам на тебика дар и, што пари дребни да туриш аф това, сѐ алтѫни ки си чинат! Л'у ти са мол'а да ми кажиш, от кој сукак да ида аф царјувут конак?" [V,PM,34]; ~ *тјанака му речѐ: "ела, брáтку вечертá!" Кату му дадѐ умýјни да са умýи, гу познáла от прáстинот, ча је нéин мáж ú; заеднóч сá познáха, са пригáрнаха, са бацáха, са чинú голéм рáдос меѓу нúхка* [V,PM,110]; ~ *и тојнака тебдил са чини, са преобрази со са други дрехи, вјахна на харин кон та от друг пат отиде та ги срјати на един орман нетри* [V,PM,92]; **д.** наместо 'до' ~ *един ден, кату отиваши заран на училиштето, на пáтју гу стрјати царјут. Тојнака как виде, на царју му чини дури от земја поклон* [V,PM,95]; ~ *пак повтор гу викнал; тогај стана момчету, отиде на царјут, му са поклони дур от земјата, и царјут му стори една политика* [V,PM,191]; **ѓ.** наместо 'покрај' ~ *му вéли: "сегá да ми вјáхниш и, кáк ки промúними от злáтната јáбáлка, да глéдаш да искúниш едúн дáл ú да побéгними, чá áко усјáти лáмјата, и тéбика и мéни ки ни изјáди"* [V,PM,113]; **е.** наместо 'зад' ~ *дјáдото му вéли: "кáк ки влéзиш, л'у нéтри от пóртата úма еднá чéшма жúва вóда. Ти са мóл'а, нá ти и еднó шишéнци, да нал'áиш мáра вóда да ми докáраш, да си омúам óчите ки ми оздрáвл'аат!"* [V,PM,40]; **ж.** наместо 'со' ~ *му вéли: "цáрју, пúлету на твójта зéмја нé е, тýку да ми дáјш еднó пúсмо от рáката ти* (= писмо што си го пишувал со своја рака), *да му закáрам на оновá цáр, што га повéли онáја зéмја!" Цáрјут от рáката му му дадé пúсмо* [V,PM,121]; ~ *и така секој цар што зададе речта на некој човек от устата му* (= збор што го изговорил со своја уста), *не са вăрнува, а не кату тебе... сега да са вăрниш* [V,PM,185]; ~ *по дно времја имало един Стојан авџиа, се от лов са храниши* (со лов се хранеше) [V,PM,170]; **з.** наместо 'на' ~ *тогај дјадото источи остра сабја, да ја посечи змиата от стредја. Тогај змиата половината влези на моминото сăрце и половината падна вун* [V,PM,174]; **ѕ.** 'кај' ~ *пóпо нạ-ọнóạ вр'áме кọмáндạ. От пóпọ сипрáшạли. Амạ úтар, мýдар... вúкạ: "Дрáги сел'áни, ки-си-пọмóлими нạ-Гóспọ, нóгу сýша-и вúкạ, áс као свештéнак, áс ки-си мóл'ам, áмạ селóтọ дạ-бúди слóжнọ"* [ЛС(К), 113]; **б. изр.: от Бога да најдити** (= Господ да ви плати за злото што ми го направивте) ~ *тога тјанака вели на татко и: "от Бога да најдити, тате, мале, и сички мој роднини, што ми оделихти от касметјут!"* [V,PM,91].

ода f 'безбојна, прозрачна течност, соединение од водород и кислород, ја има во изворите, реките, езерата, а во вид на водена пареа ја има во облаците - вода' ~ *дивójку, мáри, úзгору леле,[јут Бóга нáшла твójата мáјка,[шту тој пратúлă, дивójку мáри, [шту тој пратúлă рáну за óда* [АС(З),145]; ~ *за јáм и јáс л'ăп, за пóда сăс óлувéто да му дáм óда да пúјат* [MS,t,65] – во текстот се забележуваат две граматички посебности, прво проширена употреба на кратката заменска форма за неправ предмет **му** од еднина во множина: **да му дáм ва óлувéто**, и второ присуство на двоен акцент

во лексемата *о́лувѐто* – специфичност за крајните источни говори; ~ *за митáт враш'и́луту, за му ту́рнат о́да, да сѫ накѫ́сни враш'и́луту* [MS,t,67]; ~ *и р'еч'и: "клат' казáн'ут, да ступли́ш' о́да да сто́ра бáн'а!"* [MS,t,68]; ~ *удáта, ш'у им'ѫ́ха за пијéни у варéлит'ѫ, му битúса... "ду́рму н'émами о́да, да зл'ázими на ниш'и́ту да éзмими о́да"* [MS,t,84]; ~ *с'ѫ́кутрѫ̑ д'éн' хо́ждаха са сарá за о́да сѫ̑с м'ѫ́хо́т* [MS,t,74]. Сепак испуштањето на иницијалното **в-** не е до крај спроведено, има случаи во кои паралелно егзистираат и едната и другата форма (**вода** и **ода**) ~ *ре́че адúна змúј на ч'ол'ака: "Пре́тел'о, зéми ко́жета та ид до́неси во́да да пúеме!" И то́ј ста́на та зé ко́жета и от мáл е ду́гна, за да́ иде на о́да* [V,PM,262].

одави pf 1. 'кога дишните органи на некого ќе му останат под вода и нема можност да дише' ~ *тојнака флезе сос кон'у аф рекáта да мини. Кату беши мошне силна водата, гу зема надол, гу одави сос кон'у барабар* [V,PM,93]; 2. – (**си**) ~ *дакле Кулу́ф áф море́ту а ту́ка да си одáви, а тáмо, дал'и́те гу извади́ха понапрет тáмо, дéка сáкаши да излéзи, гу фѫ̑рли море́ту на сухо* [V,PM,8]; ~ *тогá Чингúл-дилибéја речé да не си одáвет и ги земá со́с марифéт, на́ една́ ада́ ги фарлú* [V,PM,141]; ~ *и стом оти́доха áф стреду море́ту, ету глéдат еди́н човéк на море́ту... и кату гу ви́доха от далéку, гу пожáлиха, ча сáкаши да си одáви* [V,PM,24]; ~ *жената и била мошни умовитна: знаиши, ча на увреjската книга е писано... сите христиани да си одавjат на мо-*

ре́ту [V,PM,193]; 3. 'кога со силно стегање, односно со затворање на грлото некој ќе остане без воздух' ~ *и то́ј, л'у излези отпрет, самовилата гу одави него, му зема нивjастата, и царjут му даде царчината на него* [V,PM226]; ~ *вечерот, кату и дошел крив самовил у дома му, момата оттук о-там гу замај муди ја каза, ча сос едно кокалче гу одави попова сина* [V,PM,226]; ~ *еди́н дéн земá еднó вѫ́жи, оти́де на бахчáта, кату как му порѫ́ча тáтко му, да си обéси, фѫ̑рли вѫ́жито на врѫ́х дѫ̑рвото...*(но) *си разби́ вѫ̑рхот от дѫ̑рво́то и то́ј не си одави* [V,PM,7]; ~ *мáчката, как бéши глáдна, фати тáмо, едни́ ми́шки одáви, дру́ги изтепá, дру́гите побегнáли и фрет сá искри́ха;* 4. 'се отруе'(?) ~ *флезé аф казáно, са кѫ́пá и са чини́ еднó јунáче мла́до, од дjун'á-гузели́ по-хáрно. Кату гу ви́де цáрjут, флезé и то́ј да са кѫ́пи áф мл'ákото, си одави́ нéтри, зашто́ мл'ákото бéши зихирли́а* [V,PM,124].

ода(j)а f 'просторија во куќата, соба'; во Солунско **удáја**: 1. 'просторија, општо' ~ *вечеро́т туриха женá-та аф еднá одаjá без светúло и Кулу́ф от вѫ́нка га чини́ха ни́кáх и такá гу тури́ха и нéгу нéтри при жената* [V,PM,11]; ~ *онова сахат он направи на Лиму кехајовите ку́ќа една одаја башка, та отишел на Солун* [V,PM,164]; ~ *и трите дивојки имали башка удаја, што седjали. Нај-малкат каде бахчjата и́ гледаши одаjата и́* [V,PM,159]; и: **о́дае** ~ *и на еднá о́дае фнéтре и́маш'а злáтна суфрá и позлáтни сто́лове, и фс'éкога и́деха да-едáт фнéтре. И на-софрáта и́маш'а цáрцки мáнжи* [ВД(ГБ),328]

– уште еден случај во кој предлогот 'во' е заменет со **на** (укажува на внатрешност): **и на една́ о́дае; 2.** 'просторија во која не са пали́ оган' [BS,120].

одајушка* f, dem. в. **ода(ј)а** ~ *та фаштја нос ѓавол, го клава нетре у еден сандăк, го товари на хамалино та го занесе на чилиби Теодораќовата куќа, го остави- ва тамо при одајушката* [V,PM,165].

одајче n, dem., в. **одаја** ~ *цетата лајат по дворовите,[колите тропат по калдрмите,[галена Рада още не станува.[Отвори стрино шарено одајче,[покрени стрино ресено килимче* [БВ,40].

одалечи (си) pf 'се истави, отиде на страна' ~ *и кату хождаха на пăнтјут, на един орман нетри си одалечи аскерот от царјут неколко место пăнт* [V,PM,210]; ~ *кату одаличиха от нас земја нетре на морету, крал'ут позна што му ја откра́доха момата* [V,PM,212].

оданăт adv 'онаму' ~ *тојнака кату излезе оданăт, најде чешма, на чешмата беши Маркова керка: кату слăнце светиши, кату месечина греиши* [V,PM,77]; ~ *га вели: "не ти кажувам, рибу, дурде не ми извадиш оданат морету!" ...и рибата гу зема пак на гăрбо и гу промина оданат* [V,PM,100]; ~ *на моите греди, как ки кладиш остра сабја и как ки проминими приз тамунака, мрјажите ки си сечат, та така ке да проминиш приз таму. Ки идими оданăт морету* [V,PM,77].

одбере pf **1.** 'меѓу повеќе различни работи се определи за она што е поважно, односно подобро' ~ *еднош поискали трите дивојки по една либиница от бахчеванциата, и он пусна калеку да одбере три либиници, да занесе на царските дивојки* [V,PM,159]; ~ *добро јутро мои шурети.[Дај Бог добро наши зету,[ти да јодиш на трлото,[да јодбереш девет браве,[девет браве сите исти,[ќи ти дајме бела Рада* [БВ,35]; ~ *Кара Ташо стар војвода,[одбрал момци за слобода,[што ки бије турски жган,[Заплакале стари буки* [БВ-113]; **2.** 'оддели едно од друго' ~ *му вели: "40 кила житу, ичмен, чиница, рăж, мисир ки ги турими на един куп, ки ги разбăрками аф една удаја нетри и ки ги закл'учам. Ако можиш на един вечар зăрно по зăрно да го одбери... тогас момата ми ки га дам"* [V,PM,97]; ~ *та си лéгнало дéтето, пак дјáдото срýкал мрáвките, та отбрáли сéмјатата сјáко на башкá. И катó стáнало прéс отринтá детето, отишлó на пóртите, похлóпало* [V,PM,258]; ~ *отишéл отринтá и му насúпали на еднó вăршúло по еднá мјáра от фрет сéмјата и го накáрали "до ýтре рáно акó мóжеш да гй отбéреш – хáрно, и шта та загобúме"*[V,PM,258]; **3.** 'препознае' ~ *и фнéтре фаф-пештерéта, тáм му б'éше кăштата... и бé пригиздéна фнétре сăс-с'акáкви прилигúа* (sic), *штото не-мóж'а ч'ул'áк да-одберé направáта-хи, óти ни-е-ч'улéш- та нáправа, ами от-јýди* [ВД(ГБ),328].

одберáн* adj 'нешто што има висок квалитет' ~ *еднó врјáме едúн човéк са чини́ падáрин, сéлските лóзја да ги чýва, и, когá узрелјáха лóзите, дофáдиши еднá самовúла, нáј-одберáното грóзди тјáнака гу јáдиши* [V,PM,139].

одбур m 'кога се бере грозјето се изделува она што е поквалитетно и

се чува дома послано на леси, тоа грозје се вика **одбур** (дека е одбрано); се јаде кога другото ќе заврши' [ТГ,347].

одвечар adv 'времето откако ќе зајде сонцето, кога се стемнува' ~ *Ка́ бига́ме? Ни́ѧ не́л' ка́жа́ме утве́чарта, ут-мо́јто се́ло, ут-Илиля́ре, са́-фати́ бо́јо, и ка́ бига́ме о́двечар чуве́цте си́те си-туварúа ко́л'те, димек* [ПК,2(282)].

одвичера adv в. **одвечар** — тоа е време кога сонцето заоѓа, тогаш *вулуварто* со стоката тргнуваат за на кај дома; со исто значење и: **надвичера** [ТГ,10].

Одва́де top.'име на место, ниви и градини од **оваа страна** – поименчена форма' (според некое маркирано место), Савек, Валовишко [ЛИ,М-И...166].

одва́рзе* pf 'ја отстрани врвката со која е врзан, затворен некој предмет (во случајот врека)' ~ *хва́ се-врáтили дóмѧ, ѧ-óн парúти бездѧ-вúдат тúѧ, квѧ-сá уф-ѳдајáта внéтри, чувáлити нáдвор,' тój ѳдва́рзал едúн чувáл и ги-пýштал парúти внéтре* [ЛС(К),113].

ѳдговáрѧ impf 'кога некој дава одговор на поставеното прашање' ~ *гóрѳ-ли, гóрѳ зилéнѳ, ej-зилéнѳ, ej зилéнѳ,[úмаш-ли с'áнка дибéла, ej дибéлѧ, ej дибéлѧ![... и-јѳдгѳвáрѧ гóрата, ej-гóрата, ej-гóрата* [ЛС-(К),131].

ѳдгóри adv 'кога нешто се наоѓа, или се става на повисоко место, односно врз нешто'~ *пóсли кал'тáтата ќи-му-тýри тáквóтѳ ѳдгóри, рýбити, шѳ-ќи-му-дáј кал'тáтата, папýци, фустáнчи, áкѳ е девójче сѐ, ц'áлѳ ѳблéкло* [ЛС(К),136].

о-де (< отдека) adv 'за место, односно правец' ~ *пак дјаволот му вели: "отдека идиш, дека хождаш!". И тој му вели: "от селото ми кинисах, на Стамбол да пода"* [V,P-M,200]; ~ *и френгот му вели: "ти ли си Госпот?" И царјут му вели: "не ме знаиш мене кој сам"? - "О-де да знам?"* [V,PM,165].

о́де* impf **1.**'се движи, се оддалечува' ~ *и кажáа нáште бижáнци: сéкуј дѧ-си-трáгне брáзда, дѧ нé му-о́т бижáнцте, дă-нé-мо-óрат* [ПК,2-(222)]; ~ *и-вéле: "Е, дă-тă-фýкне, ój* (скратената форма < оди) *ти прóси кумáте, а јá твójо мáш двé лúри ми дăдé, скријáл-ej уттéбе, нă-мéне, вéле, миј-дăдé"* [ПД,1144]; ~ *Гáлик минáвише прăзнáшто пóле, óјше Алéксуво; óн бúше граница* [ПК,2(187)]; ~ *зé двé јáјца, ќ-óде, ќи-зăнéсе. Оде пăтут и сă-мúсле: "А бре, си вéле, шо ќ-óдам су-нéго дă-сă-дáвăм, сéки дéн дă-му-нóсăм пу-двé јáјца... áми нé зéм иѭ-гулéм кáмен – á дă-му-стóрам у-глáвата"* [ДК,142]; – во двата контекста среќаваме примери за употреба на додатокот за место без предлог (**óјше Алéксуво** м. 'одеше за Алексуво' и **óде пăтут** м. 'оде пу-пăтут...'); **2.** 'доаѓа на местото каде што се наоѓа тој што зборува' ~ *канú нóго л'ýди, и а пошти́ на измúкáруп úстум на вечéрата, да и нарéчи канéтити да си óдат; а вéлеши: Елájте, ету сата са азúр си чинúле* [MV,K,278]; **3.** изр.: **óди пу-пиндéмо** (клетва = оди по ѓаволите) [ПК,2(187)]; **ка ти оде?** (= дали си успешен?) ~ *излизéл ăднăш дéду Гóспут дă-си-извúде л'ýјту нă-зéмјатă...Кă наближúл ăдну-сéлу...влизéл у-двóрут...* (рекол): *"Пýл'ăм кáк ткáјш, нивéсту, и сáкăм дă-тă пúтам, ká ти-óде рăбóттă" – "Ká ќи-ми-óде? – ká сáкăм, тăká ми вăрве"* [ВВ,309]; **н'áмѧ дѧ-óде** (= бргу ќе се случи,

нема да помине многу време) ~ *истăрчал, ојдéл тáм, ą-óн ąднá лéą вăрти, úмą ýште двá-трú пăтą дą-извăрти зивгáрǫ и-дą-зąвăрши. "Дą-дójди, вúкą, дą-пóчнąт сăденéто"..–"Н'áмą дą-óде пǫловúна сáąт, ќи-дójдąм"* [ЛС(К),123]; **óди-ми, дójди-ми** (= се кажува кога некој често оди и се враќа, т.е. не се задржува на едно место) ~ *шó нé седнýвиш на-адно мéсто, тýку цéл дéн óди ми, дójди-ми* (прáвиш) [ПК,2(187)]; **оди пу-царскó – дата-виде госпо** (= оди по "правиот" пат за да немаш непријатности) [ПК,-2(187)]; **óј тă сéди** (= тешко се опстојува некаде, невозможно е) ~ *удéме Сикúрник, дă-сéдме, адний тýрцки кăшти пăлни ґубре. Шó вúкат вóшки, сúчко, óј* (оди) *тă сéди* [ПК,2(341)].

одели (си)* pf 'кога некој го напушта заедништвото, кога се разединува било од поединец, било од мнозинство' ~ *тогас тојнака зема на старио рăката му, га баца и му рече: "сполај ти, деду! Тинака пак това што ми чини на меника, ќи ти проштавам, дур дека сам жив". И така си оделиха, тојнака на татак, старио на тамука* [V,PM,34]; и: **отдели** ~ *уф-јунáкăви двóри[слăнце прăпичéло,[уф-мóмини двóри[póса зăрусúла[óтдили-се мóма[од-мájка ут-тáтко* [ВГ,271].

одере* pf **1.** 'симне кожа од телото на животно со помош на нож' ~ *дјадоту му вели: "скору, побрати, да најдити една крава, да га заколити, да га одерити кожата, да га чинити мјах, да дојдити тука"* [V,PM,63]; ~ *тогас калугерот му вели: "тинака да идиш да фатиш един калугер кату мени, да гу заколиш, да одериш кожата, та да га надиниш тинака, да си чиниш калугер!"* [V,PM,75]; **2.** fig. 'ограби некого' ~ *нúштичко не му устăвúа, му га удрáа кóжта* [ПК(Мор)].

одерува impf в. **одере** ~ *пóпо ка видýве оти-јáгăнто-ј злó уф-нéгǫвта кăшта, зимýве, гǫ-ǫдéруве јáгăнто (му-сибléчуве кóожта) и гǫ-пуштýве дéкą-сák'е дą-óде* [В-Д(Пат),285].

одештими adv **1.** 'одејќи, додека одел' ~ *и рекле: "Оди си скоро, да не дојде мајка ни, да та изеде!" Одештими са момата и паднало едно клопце от конци; она одила, оно са мотало по неа. Ка доишла самовилта, надушила и рекла: "Што ми мирише на човек!"* [V,PM,269]; **одештимиса** ~ *бегал ут дома, утишал да пале касмет. Одештимиса по пăтут, стретел едни л'уде и питал: "Дека седе Дедо-Госпуд!"* [V,PM,266]; **2.** 'летајќи' ~ *оралут рекал: "Заколи три бивула, напăлни три меа вода, качи и врăз мене и ти качи се, да ке та извадум!"... Детто зготвило месото и водата, и качило врăз оралут, и оно са качило. Одешти ми са, каде викнувал оралут "Га", му давал месо, каде – "њу" – вода* [V,PM,271]; – во примерите кон формите на активниот партицип на презентот **одешти** се придодадени и кратките заменски форми **ми, си.**

ǫдзóве* pf 'одговори на повикот' ~ *сă-прáа нą-трú-и-пул, нé-сáке дă-сǫдзóве* [ПК(Мор)]

одја f 'јодна тинктура' ~ лекарство со кое се лекува кожната болест **црвиника** или **црвен ветар;** пред да се стави на болната кожа **одјата** се меша со **прав** од тутун или **катран** (пак од тутун) [ТГ,233].

одлучи pf 'реши' (во народниот исказ

пообично е да се употреби гл. 'реши', но информаторот го употребил "модерното" **одлучи**) ~ *та̏ ви́ка̨ мо́и, о̨на̏ ви́ка̨ мо́и. И-о́н не-мо́ж да̨-о̨длу́чи. Од-де́ка̨ ќи-о̨длу́чи о́н чи́и е-дете́то. И- о́н ви́ка̨ на̨ цила́то: "До́неси е- ди́н ме́ч и-дете́то де́лиго̨"* [ЛС(К),110].

одмена f 'помош', в. **одмене** ~ *триш блasej му на та мајка,[ка изгледала добар син,[добар син за одмена* [БВ,19].

одмене pf 'помогне во вршење на некоја работа, замени' ~ *триш блasej му на та мајка,[ка изгледала добар син,[невеста да му донесе,[мајка да си одмене* [БВ,19]; ~ *оди ќерко оди, вода да напо̏лнеш.[Чекај Ленко чекај и јас ке дом со теб,[и јас ки дом су теб стомни да ти одменам* [БВ,175].

о̨дмо́ри* pf 'почине' ~ *ви́ка̨т: "Еј друга́р! Шо́ пра́јш, до́бар де́н'!" "До́бар де́н'! Еве о̨дмо́ра̨м ви́ка̨".* [ЛС(К),116]; ~ *"Ти́-ли-си Ил'о?" "Ас-сум". "Е ка́к е та̀ рӑбо́та?" Ви́кум: "Тӑка́ и-тӑка́, то́а друга́ро, ви́кум, о-изгуби́х". "Ки-до́јде бе́лки. Ој ти ле́гни си, о́дмори"* [ПК,Д,172].

о́дмӑн adv 'близу, веднаш' ~ *пупӑди́ата̨ че́сто пӑта сӑ-нӑјдува́ла ус-еди́н ни́јн кумши́а. По́пут нӑ-муже́л дӑ-гу-пика́се то́а. Он се́ко̨а нидел'а а-вӑѓа́л цӑрквӑта̨. Цӑрквӑта̨ би́ла̨ о́дмӑн ду-ни́јнта ку́ќа* [ВГ(Ѓ),275]; и: **одма** ~ *"Ка́де-и сӑнду́чито?". – "До́ма!" – "Бӑрго д-о́ш да-гу-зе́ваш". Сус-ко́јна гупрефӑрли́ле ду-се́луто, гу зе́ле, гуно́сӑт. Ко́ ќи-гу-ви́де, ствáрно сӑнду́чито не́јно. Одма ги-зе́ма ца́ревиут си́н сӑта* [ВЕв(Круш)303]; ~ *то́а тарго́вецо, така́-е на́ли, бога́т'о̨ чов'а́к сѐ ми́сли на̨-пари́ти, не-за̨спа́л о́дма̨* [ЛС(К)107]; ~ *и на́м ут-та́ кӑпи́нта ки-си-кла́виш нӑ-се́мто̨, ки си-ски́ниш ли́с, ки-кла́јш, то́ о́дма ки-са̨-нале́пе и ти ки-си-ши́риш ту́ка, ки-си-кла́виш на̨-о́да̨рут или ма́са* [ВМ(Струп)317].

о̨дна̏дво̨р adv, opp. на 'внатре' ~ *А, му-с'а́чи, ми́ро̨ му-ту́ра̨т, ко́сичка̨ му-с'а́ча̨т и-по́сли на̨-цӑркве̏та̨ ка́ ќе-е о́шти, ка̨-ќи-му-ту́ра̨т и́мито̨ прет-да̨ вл'а́за̨т а̨в не́тре, о̨дна̏дво̨р ќи-му-ту́ра̨т и́мито̨* [ЛС-(К),136].

одне́ва* impf 'однесува, носи' ~ *и охче́ре, ка̀то чу та́зи лакарди́е, осло́ше го и му одне́вашѐ ка́та о́трина пр̀јасно мл'аку, и змије́та го изја́вашѐ* [V,PM,261].

одне́си* pf в. **одне́ва** ~ *"... слу́ша̨јти, мо́ра̨ да̨-ме-спро̨ве́дети до̨-до́ма. Да̨ми-о̨дне́сити". И ти́а̨ а́јди. Дво̨и́ца го̨-но́са̨т до́ма, има́л два̨-си́на, адо́ма̨ н'а́ма̨л ни́што* [ЛС(К),117].

одоздола adv в. **одол** ~ *одоздола иде едно лудо младо,[се песни си пее и пушки си фрла,[тој е Ариф ага, тој е море бегот,[право тој ми трга у наште дворови* [БВ,124]; ~ *ej одоздола едно лудо младо неженето,[а на анамче вели ем гојвори:[Аман анамче, колко го даваш твојто бело лице* [БВ,200]; и **оздола** ~ *тамо имаше еден војвода,[тој си имаше девет момчијна:[А бре момчијна, храбри јунаци,[оздола иде силна потера,[фаќајте пушки, труби трубите* [БВ,137]; в. **јоздола**.

одо́л prаер 1.'подолу од даденот предмет, отстрана' ~ *тогај царјут и клал тел'али да викат, колко јунаци има и нема, да проминат одол конаќут му* [V,PM,159]; ~ *и Господ послуша неговата молба, гу стори пиле, и летнал, отиде, ја најде нетре на бахчата, дека беши везила тенка камуха одол*

бел триндафил [V,PM,227]; **2.** 'кога некои работи се ставени една врз друга, т.е. едната е одоздола' ~ *цар̑јут... го извади да му го даде, хем му наринчја на чобано: "ету ти го давам да го кладеш отдол јазико ти, ама глендај да не кажиш на жена ти, зашто, л'у да кажиш на неа, лошју ке да умреш!"* [V,PM,170].

одол adv 'на пониско место од нешто друго, долу' ~ *то́јнака на бра́та му ве́ли: "бра́те, ме́ни ми са пика́и! Ки са попи́ка от ту́ка". Бра́т му му ве́ли: "сакӑн, бра́тко, одо́л и́ма чове́ци"* [V,PM,126]; ~ *и му рекоха самовилите: "тука о-дол има еден страшин арапин, арапинот има една сабја, што вреви: јако можиш да на ја донесеш сабјата, ниа за ти дадеме тасот"* [V,PM-237]; ~ *тогас брат му му вели на лудојут: "сакин, брате, да не ги пусниш, зашто одол има базирґани, седјат, за уклавеш подин, да сетни бил'а за орандишими"* [V,PM,229].

Одона́т top.'име на место, ливади од **онаа страна**' (според некое маркирано место, во случајот од онаа страна на Бутковското Езеро) – поименчена форма, Валовишко [ЈИ,МИ...,166].

одре́ве* pf 'одговори, прозбори' ~ *тогас жа́бите, кату чу́ха така́, заедно́ч одревеха: "и ни́а, се́стру, ки излезими". И фати́ха да изле́ват по една́ по една́, и то́јнака ги утепу̑ваши да не одре́вет ни́што* (со значење "нешто") [V,PM,29]; и: **одрјави** ~ *авџиолиа, кату чу така, му одрјави на царјут: "молим ти, царју, да ида дур на дома ми, та типӑра ке да дојдам да ти кажа"* [V,PM,42]; ~ *немаши веки сос каква хвалба да гу хвали авџиолиата и му вели: "што му е бакшишут на тиа, авџиоли?" И тојнака одрјави: "две аспра"* [V,PM,42].

одри pf **1.** 'нанесе удар, натепа, удри' ~ *и ка́ту гле́даши, зема́ барли́во-јут една́ балти́а, и кату гу одри́ на по́пот сос балти́ата, гу отепа́, му га сја́чи главата* [V,PM,125]; ~ *тогас попов син му вели: "е, крив дјавол, дур сега ти беши живот!" и гу одри една бозлугана, гу закопа со сѐ нетри на земјата* [V,PM,226]; ~ *и он фати с стапот да ја намјари на главата да ја отепа... Он кату ја одри сос стапот, она по стапот си здигна и си завила на неговата шиа* [V,PM,175]; и: **одрић** ~ *как мо рече така, си разл'ути тој и салдиса косата, да гу одрић, и не можа. Тогас чамурџиата една бозлугана салдиса* [V,PM,233]; односно: **одари** ~ *и тога́, като ви́де ги́здава девојка, одари си рӑки от глава́та и си тија́ ре́че: "Нека си зе́мех л'у-што́то да и́сках, кога́ бјах фче́ра ту́кана!"* [V,PM,260]; ~ *и тами́н ага́ б'е́ше на-врата́та на-пеш-тере́та, и нат-не́к от-го́ре до́јде дру́гие о́блак и пугя̆рм'а сас о́ган, са-фя̆рли гро́м та па́дна та одари зми́јета, штоту б'е́ше на-ко́не* [ВД(ГБ),328]; **2.** 'погоди со куршум, застрела' ~ *јуде изл'ала една змиа л'ута от морету, дур наврах дарвоту си окаци да и јади малкате пилџја. Ја тој здигна си пушката, ја одри змиата, ја отепа* [V,PM,172]; – формата **одри** место 'удри' не е печатна грешка; може да се допушти дека честата редукција на неакцентираното **о** во 'у': **чувек, кулено** и сл. придонесла да се појави и "обратна редукција"; уште една потврда за тоа имаме во претходниот контекст кај кратката заменка 'му' што е регистрирана како **мо (как мо рече**

така); како втор услов за односна промена треба да се споменат честите случаи на асимилација и елизија: **му го** > 'мо'.

о́дрина f **1.** 'лозје во кое лозите се кренати на високо, на кревет врз кој се распослани лозниците' ~ *би́х на-о́дринта* [ПК,2(82)]; **2.** в. **о́дăр 4.** ~ *ка ќи флéзе дóма, уф нéгувот двóр и́ма о́дрина (асма), ќá: сублéче кушу́л'та, ќá: зăкáче тáм на о́дринта, нă дирéкут. Ут кушу́л'та о́твурто сă уф мустáќте* (во шлемот) [ИГ,114]; **3.** за заглавниот збор **(одрина) во** Гевгелиско е регистрирана гатанката: **цăрно мéче дрéн трéсе** (одговор: 'одрина') [ИГ,122].

одромóни* pf 'проговори, одговори' ~ *кадúата, кату не чúнише хáз да и́ма таквúј мáлки дéца прéт нéгу, зашто́ удроман'аха óни сéкакви лáфови, и такá му речé на чорбациата, да ги изгóни децáта от тáму, да не чу́јат што́ врéвјат двата* [V,PM,25].

о́дăр* m **1.**'кревет' (основно значење) ~ *го пита жената му: "што ли си така, мăжу!" Он и рекла: "кату не сам харно, жену, оморил сам динеска!" Ноа вечјар си заспал харно; утринта, кату стана от одăрот, си уму лицето, вели на жена му...* [V,PM,169]; сп.: **да пумúниш пуд о́дарут на Исус** (ритуал во црквата пред "Христовото воскреснување" кога децата поминуваат под некаква маса која што претставува кревет на кој "лежи" мртвиот Исус); **2.** 'дрвена рамка на која има наредено врвки од тутун за да се сушат' ~ *вăркáјте дă-збéрме о́дăрто óт ки-завăрне* [ПК(Мор)]; **3.** 'заковани штици како кревет, поставени на дрво (на нива), оттаму стопанот го надгледува бостанот или лозјето, односно ги чува од крадци'; **4.** 'направа во вид на кревет (во дворот) врз кој е распослана лозница' ~ *нáправи о́дăр нă-ло́ста да нé сă-рăсúпе грóјсто* [ПК,2(82)]; **5.** 'дрвена направа како маса врз која се одгледува свилена буба' ~ *чим пурáсне гулéма, гă-нăрéдат на-гулéми о́дăре и гă рáнат гулéми грáнки. Одăре, крéвите имправат, крéвите уд-лéси и уд-дăрва* [ПК,2(187)]; ~ *и нáм ут-тá кăпúнта ки-си-клáвиш нă-сéмто, ки-си-скúниш лúс, ки-клáјш, тó о́дма ки-сă-нaлéпе и ти ки-си-шúрищ тýка, ки-си-клáвиш на-о́дарут или мáса, тóгин бéа мáлце па-мóжиш на-синáја* [ВМ(Струп)317]; **6.** 'веранда, чардак'?! ~ *вá вéчăр ки спúм нă о́дăрут* [СК,332] – објаснувањето е од Саќов, возможно дека тој направил превид, имено ако на верандата имало лежај (**одар**) и на тој начин ги помешал поимите.

о́дăрче n, dem. в. **одăр 5** ~ *сéмто шо-ки-пл'ýске, шó ки-сă-рóе тó, ки-си-клáвиш иднă-нóвина нă-тó едну-о́дăрче, ки-си-прáјш или мáса, шó úмиш ки-си-клáјш и нáм уттá кăпúнта ки-си-клáвиш нă-сéмто* [ВМ(Струп)317].

о́жак m 'стап за разгорување на огнот во **пешта**'? [ЛС(К),95]. Објаснувањето треба да се прими со резерва, бидејќи по сите истражувања што ги имаме вршено во долновардарските, или пошироко во југоисточните говори, заклучокот е следниот: називот **опак** (или **ожак**) се јавува со следниве 3 значења: *а.* 'сосидан отвор над огништето, стигнува до над покривот на куќата и низ него поминува димот', *б.* 'поткренат простор до огништето, служи за одмарање, обично на постари луѓе' ~ *тúа билú трú,*

четúри брáта. Тúа рабóтат, óн сéдал на бáщата, на-ощáко [ЛС(К),110]; **в.** 'привремено огниште во дворот заградено со неколку камења' – слични се објаснувањата и кај В. Будишевска. Веројатно работите се измешани со називот **ужег** 'запалено но недогорено парче дрво, гламја' во кој се крие гл. **'жегнува'**. Односнава зборформа ја констатиравме во спомените на Трајко Кехаев од солунското село Ватилак, објавени од Љ. Милетиќ во сп. "Македонски преглед"

ожéни pf **1.**'организира стапување во брак на маж со жена (обично младич со девојка)' ~ *тогас тојнака му вели: "брате, јазе познах, ча ми милуваш и сакаш да ми ожениш. И јазика некем да ти престáпнам речта, но богатска мома некем да зема"* [V,PM,85]; ~ *та хóщата тогá ки нáјди едúн човéк сóс пáри, ки гу чúни пазáр едúн вéчер да гу ожéни сóс онáја женá; васа нóшт на мрачúло да сá; ниту тój да га вúди, нúту женáта нéгу* [V,PM,11]; ~ *аку сакаш, да ми ожениш, требува да ми га дадеш хизмúкарката ти... Брат му, кату чу таков одговор, заедноч отиде... и гу ожени* [V,PM,86]; **2.** – **(са)**: **а.** 'стапи во брак девојка (жена) со младич (маж), се омажи' ~ *са исмами уврејката, гу зема, са уженúха двата, и дур на годúната, уврејката родúла две дечјунка от него* [V,PM,224]; ~ *и сéтне момáта са огодú за едúн друк от сéлоту и са ожéни и породú до три сúна, штото сегá ч'ол'ак кату тјах нéма на јунáсту, штó са врјадни да дúгат ду пéтстотúн окú* [V,PM,-260]; ~ *имашја адúн человéк стáра мáјка млого, што не мóжеше нитý да хóди, нúту да гледа ут стáрус. И рéче на синá си: "Сúнку, нúту да ни тú е прóсту, аку ни ма ожéнии"* [V,PM,263]; **б.** 'стапи во брак младич со девојка, се ожени' ~ *и ќосéто остóрили лакардúа сас баштá си, визúрја: кój шта зéме от незикáна мóми? – кój донесја жúвата вóда. Ја ќосéто ни глéдал да са ожéни* [V,PM,257]; ~ *нарáкúте-му имáлу гул'áма книгá и нащ-книгáтщ билó нáпúсăну: "Кăтó пручăтéш тăс книгá, já штщ-стáнщ и штщ-сщ-óжăн'ă зщ-тéб'ă"* [ВД(ГБ),330]; ~ *кату ја зе детенто момата, си ожениха. От две-три дни сетне ету ти един крив куџ от самовилите иде каде него* [V,PM,226]; ~ *един човек по дно времја и седјал на едно касаба, имал сирмае, харно работиши; дојде на иликиа, си ожени за една вдовица жена. Кату си ожени, припадна много сиромах, и жената му тешка са чини* [V,PM,161]; **3.** изр.: **г-ужúни-ли** (= дали стори некоја непријатност, пр. дали скрши нешто?).

ожјадни* pf 'почувствува потреба од пиење течност, обично вода, ожаднее' ~ *пуснал сугарите на езера, водата ја беха смрăкнали; тогас сопразна винуту на езера и, кату ожјаднаха ламите, го испиха виноту, си са опиха* [V,PM,185]; ~ *кату и дошел на самовилскиот бунар, беши ожадн'ал за вода, и бунарот кова не имаши* [V,PM207]; ~ *да туриш сунгарот нетре на езера, да смракни водата, и да туриш на вода место винуто: ламите кату за ожаднјаат, за гу пијат винуту* [V,PM,185].

оживен adj 'кога нешто егзистира бурно, активно' ~ *ер как да бида друмут и ако не е като по-*

наприд, ама па сѐ си останува оживен сус људа и су тарговија [МЕ(Р)72]; ~ *во џаде като ув елимцко време така и ут ка дуј-деа Турците па и ду сеа ăј идно уд најоживените су л'уда пăтиш-та* [МЕ(Р),72].

ожувјаи* pf 'кога нешто што не. покажува знаци на живот ќе зажи-вее, пр. цвеќе, но во приказните и за човек' ~ *видел нетри мома умрјана. От-тука, оттаму фати да ја побарова, ја фати за гăр-лото малко, зăрното кајдиса от вунка, момата ожувјала* [V,PM-214]; ~ *дојдоха две змии да фа-тиха тамо да са борјат; кату са борјаха, едната змиа падна, са оклава, другата пак зема една трјавчина, ја маза по устата на оклаваната змиа и ја ожувјала* [V,PM,217]; и: **оживее** ~ *óна стă-нýва пипирýда, квă-ќи-гу-прóбýши, квă-ќи-óживéе, нáли! От-тúи пеперýди óстáвјат с'áми* [ЛС-(К),136]; ~ *напкум џарувут син а зел за жена. Братјата и чуле, зашто оживела сестра им, ама не знајале дека е. Рекле: "Ад да са чиниме просјаци, просештими са по куките, ки а најдиме!"* [V,P-M,270].

óзáт' adv, opp. на 'напред' ~ *тáм дé фатúха да-жнáт сифтé зл'áва и-дúн зáјац и му-фăрл'ават стра-пóт-му си-уидúса драж'áлитó-му, фл'áзи на-газóт. Фатú да бăга зá-јшут, за-да-си-скрúј на пш'ен'úцата и страпóт óзáт' вúра жн'é* [ВБ(В),344].

óзгóра adv 'од горната страна на нешто' ~ *и тúа сăглáсили, рéшили да-гó-утéпат...А-óн мýдар. Клáл едúн трýп óзгóра и-гó-пóкрúл сó-ќéбитo, óн пот-крéвитo. И-тúа флúзат, нóќнo вр'áми... бáга, бýга, бáга, бýга, излúзат, óдат, си-легнáли. Рáнто... си-мúи и вúка: "Ej тáа вéчар, вúка, еднú мýви, еднú кóмари ме-јадéа"* [ЛС(К),117]; и: **озгóри** ~ *тáка ќи-напрáјми в-еднá сóба висóко, кат на-крéват, и óзгóри ќи-пóстéли-ми б'ál чаршáф и-ќи-нафарл'увáми лúс-та от-чарнúца кат-ќи-изл'áгат цăрвито* [ЛС(К)136].

оздрави* pf 'кога некој ќе се ослободи од болеста, т.е. ќе се излечи' ~ *на Бóга си мóлиши, садé здрáви да му дáва на нéгу и на женáта му. И Бóг дадé, приниха́ мăра женáта му и полéка-полéка оздравјáла, са чинú хáрно* [V,PM-14]; ~ *рибата гу зема на гăрбо, гу извади оданат морету и му вели: "ти са мол'а да питаш и за мојта рана со што да ја оздравја", оти рибата имала лоша рана на гăрбо ú* [V,PM,86]; ~ *џáрјут, што седјáл áф онúа конáки, и бúл мóшни бóлин... калúнката на џáрју га закарá пó-нýда. Џáрјут, кáк хáпна от калúн-ката, оздравјá* [V,PM109]; ~ *ти са мóл'а, нá ти и еднó шишéкци, да нал'áиш мăра вóда да ми докáраш, да си омúам óчите ки ми оздрáвл'аат!*[V,PM,40].

оздравјава impf 'се ослободува од болеста', в. **оздрави** ~ *по две-три дни фатиха да му услекнуват добиците, и едно дете от млогу-ту сипка, што имаши, дури веки кокалиту му са гледаха, ама ниту омираши, ниту оздравјаваши* [V,P-M,40]; ~ *он па му вели: "јаз от-напрет на Стамбол, на царскиј син му ослепех и двете очи; и колко хекимции си собераха, не можјаха да го оздравјајат, и џарјут сите ги заколи"* [V,PM,167].

ози (си)* (< вози) impf **1.** 'се движи седнат во некакаво превозно сред-

ство'; **2.** 'се влече' ~ *утринта́ бишка́ринот стана́, гле́да би́шката, па́к га не́ма, а́ма на ра́нината бе́ши па́днало сла́на, и ка́к си о́зиши ва́жето, па́т направи́* [V,PM,116].

Озрем (и: **Оздрем, Озрен**) top. 'име на рид со лозја'. Ј. Иванов допушта две можности: според лично име, но пологично од стсл. **зьрѣти**, односно **озирати** – место од кое може да се набљудуваат лозјата (с. Височен, Драмско) [ЈИ,МИ...-166].

osaде adv 'назад' ~ *да нема шубе да не ги откраваат кату жниеше, ги вăрзуваши и снопите; и кога са повратил osaде да види, дали стојат снопите, кога гледа, две или три снопи санким човек ги караше* [V,PM,82].

osat prаер 'укажува на положба откај грбот на некого (на нешто)' ~ *сетни отиде и на удајата, дека беши керка му, и л'у влезе нетри, osat вратата гу најде кепиту и гу зема* [V,PM,35]; ~ *тамо, дека чуваши, едвам дојде една страшна ламја, ревјаши сшти от далеку; царјувут син, как ја виде, млого си оплаши... и са скри osat корен'ут* [V,PM,219].

оицка f 'натпревар' (?) ~ *децáта познáха, чá ке дá ги расúпат, побегнáха от тáмо, отúдоха тýка-тáмо. Тихúса, голéмојут нá éдна óицка излезé пăрв, фатúха, гу чинúха цáр, и тójнака кату си чинú цáр, втóриот му брáт гу чинú визúрин* [V,PM,129].

oj interj 'за повикување' ~ *му велú гимицúјата: "господúне, óшти нéма да úдими на господáро? Отговорú тój и му велú на гимицúјата: "ój гимицúја, брáтку, óшти нé е врéме да úдéми на господáро"* [V,PM,14];~ *отúде викнá еднú хамáли и му дáва пет гróша, хéм му вéли: "ój хамáли, нá ви пет гróша да гу издúгнити товá жрјáпче от тýка"* [V,PM,120]; ~ *oj мори моме, кутра Елено,[кажи го, кажи брат ти Марко дека-ј.[Ej бре вие Геги, Геги Јарнајути, сега тука беше, не знам дека отиде* [БВ,68]; ~ *тогáс кăрпáчинот му велú на тел'áлот: "oj тел'ál, éту од мéника úма шејсéт хил'áди гróша и, аку артирúса дрýг пóвики, пák да дójдиш на мéника?"* [V,PM,18]; сп. **ój Мúлка** - обраќање кон девојка, жена што многу скита, што не е сериозна [ПК,-2(187)].

ojгун adv 'добро направено, што одговара' [BV,120]; ~ *нé мé-ј ујгýн ká-óдум уф-нúхка, óтпăт ми-сă* [ПК(Мор)].

ojна f, bot., во описот на говорот на с. Кула, Серско, називот **ojна** се објаснува како 'смрека' [ЛС(К),-96]. Во блиската регија (Драмско), Ј. Иванов го запишал top. **Хojнáка** (с. Ливадишта), и го изведува од 'хвојна', стсл. **хвоина**, односно **ojна** [ЈИМИ...213].

ojнáк m 'човек што не држи до веродостојноста, што е непостојан' [СК,332].

ojска f в. **војска** ~ *тамошниј цáр са случи да ýмри, и останáло санот му на цáрчината. И на онúа дни úмаши кавгá сос дрýг цáр, беши собрал ojска* [V,PM,8]; ~ *тога царо зарадуван прашил јă, што иска да хи даде? Тја му искала нова кадилук, от де тја била, осем товара алтанјă и двесте души ojскă, да ја отведат ду градо хи* [V,PM,283].

ójќe* impf 'сака' – архаизам (записот не е погрешен, но зборoформата се среќава само во песна) ~ *лéштевичке, бéрберичке,[збúри пéна да-рýчаме,[óјќам, нéјќам,[пúле ми е загинáло,[óд-мóре дó-морé,[*

до-царо́ви дво́руве [ПК,2(229)]; од истиот корен во малешевските говори (со кои граничат југоисточните) запишавме: **не хте** (= не сакаше), но комплетната парадигма ја немаме констатирано.

ок m 'дрвото што го поврзува плугот со јаремот, во други говори **гредел**' [MS,s,77]; сп. **о́к** 'воиште на кола кога ја влечат 2 коња' [ПК,2(82)].

ока f 'стара мерка за тежина, поголема од кгр. (1280 гр.)' ~ *му ве́ли на ца́рју: "ја́зе, ца́рју, ти са цја́нем на те́бека да ти но́сам дӑрви со́с 40 мули́нта, а́ма те́рам да ми напра́виш де́вет оки́ еди́н чакма́к"* [V,PM,107] – во текстот се среќава проширена употреба на множинската наставка **-и** кај именки од ср. род: **но́сам дӑрви;** за ова в. во граматичкиот дел; ~ *и кату ги виде ерген цар, и рекла на бахчеванциата да му даде неколко оки јабалки* – случај на употреба на именка во служба на атрибут, како придавка: **ерген цар** наместо 'царски ерген'; ~ *ти́ја тинки́ј, пу-петна́јсе ки́ла дӑ-ла́гии адна́ тинки́а и́ма. Двӑна́јсат адно́ вре́ме те́глише ста́рјут, двӑна́јсат о́ки. Сја́а петна́јсат ки́ла и́де адна́ тинки́а* [ПК2(288)]; ~ *ахтаринот беши млогу сиромах, и нетри на дуќанот му немаши млогу сирмија: ако имаши една ока орјахи, една ока имиш* [V,PM,34].

ока́т adj 'снаодлив, т.е. тој што се движи, односно контактира "со отворени очи" ' ~ *да-зна́, ока́т сӑви́ке то́, дӑ-зна́: што́ тре́бе дӑпурда́ве, што́ тре́бе да ку́пе* [ПК,-2(241)].

окачи* pf **1.**'постави нешто на високо место' ~ *ја најдоха умрјана момата...ја кладоха нетри у санду́кот, ја здигнаха, оттамо ја занесоха на царската чешма, близу имало дрјаво високо, тамо ја окачиха* [V,PM,214]; **2.** – (**си**) 'се искачи на повисоко место' ~ *и кату виде дјаволот, ча гу тера уврејнот, си окачи на еден брјаст на врахот. Уврјајнот гу виде, ча си окачил, отиде и тој си окачи на брјастот* [V,PM,224]; ~ *си окачи умовитнојут гори, и лудојут, как виде него, и тој сос гриндата и сос каминот си окачи гори* [V,PM,228] – во текстот среќаваме остатоци од некогашниот назален изговор (**гриндата**); ~ *заеднош ламјата са варна да бега, но тој ниту светилуту изгасна, ниту са оплаши от неа, туку си окачи на јабалката* [V,PM,219]; ~ *Тогас си обарна та и видел гори на дрјавото, та и видел сандукот, што ласкаши. Си окачи гори, сандукот дол гу извади* [V,PM,214] – во текстот го среќаваме глаголот **извади** со значење 'симна'; сп. уште: **окаци** (**си**) ~ *јуде изл'ала една змиа л'ута от морету, дур наврах дарвоту си окаци да и јади малкате пилиња* [V,PM,172].

окачува impf в. **окачи 1.** ~ *кату чу царјут, млого си нал'ути и от јад пукна. Тогас чамурциата зева кон'ут, ја окачува нивјастата, и царјувото дете неговото кон вјахна, и чаморциа пишак, отидоха на татковината му* [V,PM,234].

оклаве* pf 'убие' ~ *беши услекнала на јагнето мајка му, да остана без мајка; да фатих една кучка, цо* (sic!) *беши родила тогас, оклавах кучинтата, да кладох јагнето, саиши* (= цицаше) *от кучката* [V,-PM,182]; ~ *и еден ден, кату играиха, си скараха, едната змиа а удри на другата, ја оклава, пак третата зема една трјавичка, ја*

кладе наврах уклаваната змиа, та ја ужувја [V,PM,209]; ~ *отиде на тајл'акот, му вели: "ету цар̀јут ми пушта на езера да оклава двете лами"* [V,PM,185]; односниов глагол (без префиксот **о-**, во формата **кăлве**) го имаме констатирано во други долновардарски говори со значење: 'удира, тепа' ~ *онăкăлвá дéтто за-нúшто,* односно: 'реже, прави да биде ситно' ~ *нă шчúца си-кăлвахме мéсо* (со удари со секирче го ситнеле месото, наместо со машина за мелење) [ПД...].

оклаван* adj 'убиен' ~ *дојдоха две змии да фатиха тамо да са борјат; кату са борјаха, едната змиа падна, са оклава, другата пак зема една трјавчина, ја маза по устата на оклаваната змиа и ја ожувјала* [V,PM,217].

окно n **1.** 'преграден дел од прозорец' ~ *и о(т) три дни сéтнé са éви адúн ч'ол'ак на окнóто и рýкна: "Побрáтимје, нá ти за захмéте и за мл'акуто, штóто ма хрáнеше!" И фăрли прóс* (sic) *окнóто адна́ зашúена тóрба и штéше сабри кăштата, катó фăрли тóрбата* [V,PM,261] – предлогот 'прес' во долновардарските говори се јавува и во формата *прóс,* како што е во контекстот, но тоа не му било познато на редакторот и затоа зад односниов збор напишал (sic!); **2.** 'еден дел, прегратка од дисагите' – вид торба од дебело платно со 2 "окна", згодна за товарење или за носење ~ *вéле, вéле éм гојвóре:["Ајде мáјко, стáра мáјко,[нáпални-ми мáле мишинлúј дисáги,[еднóто óкно тýрцки жăлти лúри,[дрýгото óкно бéли мицăдúи"* [ПК-2(273)]; **3** 'прегратка од направата во која се оставаат лажиците' [ИГ-,127]; **4.** 'дел од направата **примка** којашто служи за ловење птици, еребици. **Примката** е составена од повеќе крукчиња направени од влакната на опашот од коњ; тие крукчиња се викаат **окна**' [ТГ,388].

околúа f **1.** 'реон, покраина' ~ *са причý на сúчката околúа тáмо, ча и дошéл едúн трагóвец млóгу богáт, и сúчките човéци гу вúждаха, ама не мóжаха да гу познáјат* [V,PM,15]; ~ *фатиха тил'ал да вика по сичка околúа, вел'áјке така: "чујте, сел'ани, от цар̀јут има повелиа, на тој сиромах никој ништу да не чини лошу"* [V,PM,15]; ~ *árно áма санастрвúла еднá мéчка и сéкуј дéн му-земувáла пу-еднá óфца. И вóа чувéк разглáсăве* (погрешно пишува: **разгласăве**) *низ-нéговта околúја дали ќă-се нáјде нéкуј дă-а-унúште мéчката, нóго ќе-гу-нăгрáде* [ВГ(Мир),273]; **2.** 'близина, околина' ~ *фатили од мăра дни сетне правцјате да влеват сами нетре на морету, да са одавјат тамо: блишните си одавиха сички, и от околиа оставили чобаните* [V,PM,-193].

около (и: **óкулу**) prаер **1.** 'за означување на приближна вредност' ~ *Димúтре му-вúка на-пандýрут: "Мúцо, óди зéвăј ăднó кúло ичумéн, стó кúла (кúло ќи-бúде óсум кутúи, тúја-сă пу-двăнáјсет, óкулу стó кúла). Оди зéвăј, вúја пцéта né-се придáват, дă-и-изгóриме тýка"* [ВЕв,296]; **2.** пространствено (укажува на заобиколување на некого или нешто) ~ *ќи-трăгниа зă-кăдзéтут... кóа ќи-стúгнеа дóма, дузéтут, тúе що-бéа устăнáти тáму ќи-зăпáлиа óгин... и сăта тúја сукójна, кóли, си-вăртиа, ă-вăртиа нивéстăта укóлу óгинут* (дел од свадбениот церемонијал) [ВЕв(Ил),-

307]; ~ *тога вл'али коркоконџ'урето и ја изјали, чревăтă хи клали около воденичките камене, пак биските хи на џифоне* [V,PM,-287]; **3.** временски: 'приближен термин' ~ *о́кулу Питро́вдин... ~ околу... 17 година тога рече на мајка му: "мале, да идиш да ми тераш царјувата керка! Сакам да са женим"* [V,PM,88]; ~ *а́рно а́ма то́а би́ло но́го л'у́то* (пишува: **лу́то**) *и си́те офча́рски кучи́н'а са-разбе-га́ле.Околу срет-но́к ме́чката и́де. Офча́рските кучи́н'а са разбе́гаваț, а малечкото ку́че и́-се-фрли́ло на-вра́то на-ме́чката* [ВГ-(Мир),273].

о́кул-о́кул adv 'наоколу' (скратена форма од **о́коло**) ~ *и си фарли́ уч'и́т'а, пугл'е́да на стр'ăш'та А ле́ксандро́ту и ви́д'а ино́ м'а́сту мло́гу ху́баву стули́сану о́кул – о́-кул с'е́ сăс стр'е́бру и ма́ламу* [MS,t,60];

октако́ш'а num 'осумстотини' ~ *са јас сă руди́х на хи́л'а октако́ш'а е́нининда ин'а́* [MS,t,87].

окто́мбри m 'есенски месец (X)' [BV,120].

оку n 1.'орган за гледање кај човек или животно' ~ *и́маш' ка́к и ти да му гу зва́ш' на н'е́гу уко́ту, ама́ тр'ăбува да ти гу зва́ј то́ј и дру́гуту о́ку* [MS,t,57]; ~ *му-ве́ле:"Ќи-ти-гу-извáдăм о́куто". – "А бе, ка́к ќи-ми-гу-извáјш?, ве́ле. Ја́с уд-о́гнут тă-извáду, па о́куто ќи-ми-гу-извáјш?"* [ДК,137] ~ *ути́ди на бра́т-и́ му-р'е́ч'и: "ми бра́ка идно́ о́ку?"* [MS,t,51]; ~ *риче́ Го́спот: Сфити́ло на сна́гата и о́куту му. Окуту а́ку ти и чи́сто, сăта сна́га ти сфе́тена; па а́ку ти́ и о́куту ло́шо, сăта сна́гата ти и те́мна* [MV,K,264]; и: **око** ~ *му рекла: "Иди направи еден сăндăк толек, штото да можеш внетре в нег да стоиш прав, на средăтă да кладеш едно сăрче колко едно око, извнетре да сă закл'уча и да са откл'уча"* [V,PM,280] – специфичното образување **толек** наместо 'толкав' (форма нотирана во Зборникот на Верковиќ), иако не е типична за македонскиот јазик, особено не за говорите што немаат допир со српскиот јазик, сепак ја сметаме за реалност, бидејќи при дијалектните истражувања во Гуменџа (јужно од Гевгелија, за жал денеска во Грција) запишавме: освен **то́лик** и **ко́лик**; ~ *сади́ла Ге́ла босил'ак,[на су́ха хри́да без јода,[јода не́ма да го ва́ди,[плета не́ма да го гра́ди,[Ге́ла си о́чи џăди́ла,[та си босил'а́к вади́ла* [ПсС(З),70]; **2.** изр. **му ни фа́ти уко́ту** (= остана разочаран од нешто, не му се допадна) ~ *"и ти и́маш' ха́к да гу уклаве́ш' н'е́гу, да сă пука́циш' на џ'амијата, то́ј пак да стуи́ удо́л, да сă фăрлиш' ти́ на врăх н'е́гу!", сă почу́ди но́с, му ни фа́ти уко́ту, за да ја сто́ри та́с ра́бута* [MSt,57] – во контекстот има специфичност во линеаризацијата: кратката заменска форма и глаголот се разделени со негацијата: **му ни фа́ти уко́ту; на око му влези** (= му остави силен впечаток); ~ *излези една мечка, идиши по негу. Попот са вăрна и га виде, мошни на око му влезе и га зал'уби; мечката от попот останала трудна* [V,PM,106]; со блиско значење: **о́чте да-ти-уста́нат уф-на́** ~ *лигну́ве-си; а́ма та́а гра́та пули́ло, куту пули́јна зла́то, о́чте да-ти-уста́нат уф-на́, ла́ске* [ПК,2(263)]; **имах на око** (= планирав, сакав нешто да сторам) ~ *ув неа јас имах на око пра́вно и пра́вно...* (недостига натамошниот текст) [МЕ(Р),70]; **та́ка́ ми-испа́дна́ уд-о́чите**

(= силно го замразив) ~ *то̀ сéга сáмјо кăжáл: "Тò дéф тăкá ми испăднá уд óчите, дájте-ми éдна бăлтúй кó-дум и нéго кò-фáтум, кá-дунéсум и дéфо"* [ПД,160]; **да ти не-је уд око!** (= се кажува кога некој добро изгледа, односно кога е поправен) [ТГ,247]; **óчи прáвум (бăркум)** (= ништо не работам, го губам времето) ~ *шó нé испáднувиш нá вóнка мáлце, шó прáвиш цéл дéн дóма? – Очи прáвум (бăркум);* **óчте ми-пубилéе** (= така се изразува, се жали тој што многу време очекува некого, со поглед управен кон правецот од каде треба да се појави); **да си отвориш очите** (= да бидеш внимателен, да не дозволиш да те измамат) ~ *ету тóлку пари ти остáвам, толку стока, ниви, лозја, бахчи, каштѝ, олóви и другу, што úмам фрéт тúнака ки ги повéлиш, áма да си отвóриш óчите* [V,PM,7]; **óпте óчте му глéдат** (= се кажува ако вдовица се премажи бргу по смртта на мажот ѝ) [ПК,2(187)]; **за побегна, де ми глендат очи** (= ќе заминам одовде, ќе одам било каде) ~ *ú вели: "мале, мила мале, јазе как за вјахна таткова ми кон'а...за побегна, де ми глендат очи, и ошти еднош да си не видем тука"* [V,PM,183] – сп. специфичност во збороредот: глаголот и заменката се разделени со негацијата **(да си не видем тука** м. 'да не се видем тука'); ~ *"дúрму тăј рáбутáта, скóру да стáниш' хазăр' и да си пójти, д'е ва гл'éндат óчи, éзми си и тýс синдýч'а, нăтр'а тúсă сúч'кат'а парă!"* [MS,t,57]; **почнáл да-и-белéе óчте** (= се кажува кога некој губи свест) ~ *са-грабнáле и Гýптино почнал да-и-белéе óчте, а змéо го-питáл шó тóлко са-кукóте* [ВГ(Мир),272]; **пуглиднáл пуд óко** (= кога некој на брзина ќе погледне некаде со намера да не биде забележан) ~ *и лисúцăта ки-му-рéче нă-вăлко: "Ама ко-ки-влéзăме уф-мéне, сáмо прăт-тéбе дă-си-глéјш. дă-нé-дúгиш глáва нă-гóре". Уф-тò врéме вăлко пуглиднáл нăгóре пуд óко и шó ки-вúде; ри́би* [ВД(Пат)286]; **и си-фăрлú уч'ит'а** (= го усмерил погледот, погледнал во одреден правец) ~ *си фăрлú уч'ит'а, пугл'éда на стр'ă-ш'та Алéксандрóту и вúд'а инó м'áсту млóгу хýбаву стулúсану óкул, óкул с'é сăс стр'ébру и мáла-му* [MS,t,60]; ~ *лéже тáм пуд-ăнă-сéнка, ко-пýле ăну-пúле цúфка нă ăнă-дăрвúче и вó ко-си-фăрле óчите, пýле тáму ăнă-змúа сă-дéбе дусидéлту дă-му-ј-зéва пилúшчăта* [ВВ(Крон),312]; со исто значење: **убăрнáл óчи** ~ *"Арну, чéду, árну! Ами кój тă-нăучú тăкá спóрно дă óрăш, сúне?" Урáчут убăрнáл óчи нă-нéбту: "Гóспут, дéду, Гóспут мă-нăучú, óн е-врéдин зă-сé нéшчу"* [ВВ,-310]; **ни óко нé удвăрзýва** (= не погледнува) ~ *му-дунисýва кáфе, ни óко нé удвăрзýва кади-нéа тó дéтито. Пýле, óн му-ă-прá вáи рă-бóта* [ДК,132]; со исто значење: **óко нé фăрл'а** ~ *вójден тáка, ýтре тáка; двé-трú пăти тúшле – нéма. Дéтто нé пругувургýва су-нéа úч. Око нé фăрл'а. Ину-дéн сă-рăзбул'ýва тáтку-му, крáлут* [ДК,132]; **óчи ни дéка, тáм ни глáва** (= се кажува кога некој е без ориентација и движењата му се непланирани) ~ *чúчо вúке: "Ас úмум двé кéрки, ти úмиш снáј млáди, тáмо áк ги-устáвме тáа ки-стáне гулéма бел'á. Пóárно, вúке, óчи ни-дéка, тáм ни глáва"* [ПК,2-(357)]; клетва: **гóспо зă-óчте дă-му-фáне** ~ *"Дéка-ј, вúке, тáтку-ти?". "Тáтку-ми, óдăхме уф-Исúн чаýш,*

зима́ гу-издаде́-гу на-гъ́рчко евзу́л". "Арам, ви́ке, да-му-би́де, го́спо за о́чте да-му-фа́не, то́лк гуди́ни шо́сте гу-рани́ли" [ПК,2(357)] – во контекстот среќаваме несоодветна употреба на кратката зам. форма за неправ предмет **му** наместо формата за директен објект 'го' (**го́спо за-о́чте да-му-фа́не**); со ова и со многу други примери се потврдува она што го имаме истакнато во граматичкиот дел: дека нивелирањето на падежните форми кај заменките во овие говори е прилично напреднато; сп. уште: **лоши очи** – трудната жена не треба да шета по селото бидејќи има луѓе *сус лоши очи па можат да а урочат* (= да и́ сторат некоја маги- ја) [ТГ,104]; – ако непознат човек дојде во куќата каде што има новороденче, пред да поминат 40 дена, и ако го помилува детето, тогаш, по заминувањето на гостот детето го стават на местото каде што тој седел и ќе го *затракал'ат* (= превртат) *за да не гу фате уд очи – да не гу уроче* [ТГ,116].

ококо́рен* adj 'кога некој има втренчен поглед', в. **очеклен** ~ *чи́ниш са́ке да-т испла́ше, утвури́л адни о́чи ококо́рени* [ПК(Грам)].

окуму́ш adj 'образован, способен, начитан човек' [СК,332].

ол* m, zool., Bos Taurus (в. **вол**) ~ *за ја́м и ја́с л'ӑ́п, за по́да сӑс о́луве́ту да му да́м о́да да пи́јат* [MS-t,65]; ~ *за сӑ на́јада ху́бајд, за му да́м и на о́луве́ту да ида́т, за му да́м и пл'ӑ́ва* [MS,t,65]; ~ *сега́ ти порӑ́чувам: ету то́лку пари ти оста́вам, толку стока, ниви, лозја, бахчи, кашти, оло́ви и другу* [V,PM-,7]; ~ *една жена си имала еднӑ сојӑ дӑштерја и другӑ завареницӑ. Нехинатӑ си миловала много, пак завареницӑтӑ ненавиждала, бахтала и ја праштала да паса оловето* [V,PM,286]; ~ *да му ни уста́ни ни ура́лу ни ш'о́гуд'а и о́луве́ту да му б'ӑ́гнат* [MS,t,77]; во примерот што следува има траги од назалниот изговор ~ *ту́с о́л и́ма на грӑбо́ фрӑ́нгӑрӑц* (= црв јагорец) [ПсС(З)-,67].

оланак 1.adj 'вистински' ~ *та́тку му и ма́јкӑ му олаца́к си прӑкӑжува́ле: "ца́рут гуле́ма вујна́ утвури́л, во́јскӑта а здрубил; има́ло ни́коа дујна́-ѓузили́јка та́м, за не́а сӑ типа́л"* [ИГ,114]; **2.** 'можен, иден, што се очекува да биде', сп. ~ *зе́т олаца́к* (кога постојат индиции дека тој ќе биде зетот) [ПК(Мор)] – турц.

олеле interj 'изразува болка, жалење' ~ *тојнака пита на жена му и на баба му, дека е дјатету. Баба му, сос сӑлзи плачејќе му вели: "олеле зетју, на свадбата јангӑн са чини, дјатету изгорја!"* [V,PM-,94].

олски adj 'нешто што се однесува, односно што му припаѓа на **вол**' (во крајната источна периферија се реализира како **ол**) ~ *и тојнака отиде, зема девет олски мрӑша, ги враза ysад кон'а сос девет чингел'а... И кату са очиха ysат кон'ут олските мрӑша, фати да јаде и си закачи за деветја и́ глави сос деветја чингели* [V,PM,78]; ~ *слӑнцето им ве́лиши: "и ви́а сти ха́рни, а́ма на́ј-ма́лката, Ангели́ну, е на́ј-ха́рна". Те́нака од ја́д што да чи́нат? Оти́доха, га измажаха со́с о́лцка ла́јна* [V,PM,132]; во контекстот прави впечаток дека личното име од ж. род **Ангелина** во номинатив завршува на **-о**, односно со редукција на **-у**: **на́ј-ма́лката, Ангели́ну, е на́ј-ха́рна**, што претставува потврда за нефункционирањето, или на делум-

ното функционирање на категоријата род во југоисточните говори.

о́лушум m 'синко' ~ *ни́м о́ди са́м, о́лушум, о́ти е стра́шно* [СК,332].

о́лӑн interj 'бре' ~ *о́лӑн Ми́цо, зӑш'о́ сто́јш ту́ка са́м?* [СК,332]; ~ *што́ сă-сме́јш о́лан; ма́н-ми се уд-гла́фта, о́лан* [ПК,2(82)]; ~ *това сиромах кату си напи вода, рече на дјатету, без да знај, ча он га има правена чешмата: "их олан, побратими, какви будали л'уди има по земјата? Да имам толку пари, јазика хождам да открадам куумџиовата жена, а не да чинам тука чешма да пиат светот!"* [V,PM,67] – во текстот среќаваме употреба на конструкцијата **има (нема) + глаголска придавка** и тоа во првичната форма: **га има правена чешмата**; ~ *и л'у гу виде, му рече: "поможи Бог, јунак!" – "Дај ти Бог добро!" Пак авџиолиа му вели: "ама јунак што си, олан побратими!"* – турц.

омадри́ pf 'стане разумен, послушен' ~ *и то́ј, като́ не мо́жеше да е омадри́ на лафувéте, са зач'у́ди, как да напра́ви. И бје́ше време́ту зи́ма, и фати́ ади́н сн'ак, адна́ форту́на, и хи ре́че: "Ма́јку, аку мо́жеш да приспи́ш тази нӑши на керами́дите отго́ре на кӑшитата, шта та оженем"* [V,PM,264].

омажена* adj 'жена што е во брак', ~ *ако си дојш пред Ѓурѓовден,[ти ке ме најш армасана,[армасана немажена,[ако си дојш по Ѓурѓовден,[ти ке ме најш омажена* [БВ,164].

ома́ла f 'вид лесна несвестица од преумора и глад, односно од голема жештина' [СК,332]; **во случајот:** од преголема изненаденост ~ *узбӑлти́та, а-бре, а-бре гу-нӑсе́чуве, то· дрӑвуто пӑжди́не, па́ри пӑлӑн уф-не́тре. Удде́л па́ нӑ-бра́т му-кӑжа́л. Удде́ле за́·дно. Па́·рте ка́ виде́л, зна́чи, о́мӑла да му-па́дне* [ПД,161].

омакан* adj 'натопен во течност' ~ *така сетне домакинот поклонува три поклони, и попот земува литургиата, ипсосова и псалит "достојно ест", хем раздава попот на сички по една хупка, омакана сос вино* [V,PM,251].

омами (се) pf 'кога некој ќе стори нешто што не треба, т.е. ќе се излаже' ~ *с-легна Марко, дремка го навали,[па достаса Јуда самовила,[она беше на висока тумба,[омами се това летно сланце,[да го свале Јуда самовила,[се фатија на јуначки нозе,[се фатија борба да се борат* [БВ,28].

омди́са impf 'очекува, се надева' [BV,121]; ~ *ич нӑ-не́го ни́м да-умди́сиш* (= немој да се надеваш дека ќе ти поногне) – турц.

омира* impf, в. **омре** ~ *по две-три дни фатиха да му услекнуват добиците, и едно дете от млогуту сипка, што имаши, дури веки кокалиту му са гледаха, ама ниту омираши, ниту оздравјаваши* [V,PM,40].

омира́ло n 'смрт, умирачка' ~ *ту́ка на го́рата изле́зоха де́ветми́на хајду́ти, на собле́коха, на гу земаха си́чкото има́ни, и от омира́ло, што куртули́сахми, па́к бериќа́т* [V,PM,22]; ~ *они́а другите л'уди, што беха на корабјут сос момата, сос лошо омиралу беха умрјали, ги фарлиха нетри на морету* [V,PM,212]; ~ *и кату останала трудна, ја не имаши от радост. А ли дошло времја за да роди. Пӑрво викнали две стари баби, за да ја отродат. Царицата, от млогу болки, дојде дури на крај омирало*

[V,PM,275] – се забележуваат 2 посебности: прво во врска со зборо-редот – глаголот и заменката се разделени со негацијата – **ја не имаши от радост**, второ: присуство на адверсативниот сврзник **али** – **али дошло времја за да роди**; ~ *га земá човéкот змúата, га кладé на пáзвата му, чинú илúк на змúата, га куртулúсá от омирáлото* [V,PM148] – во текстот имаме употреба на предлогот **на**, кога покажува нешто во внатрешноста, наместо предлогот 'во' (**га кладé на пáзвата му**).

омислéн adj 'тој што има грижи, замислен' ~ *кáзал на бјазарѓáнина: "За две рáботи шта та пúтам и, акó ги свăршиш, зúмај рúбата. Да ми кáжеш, кóлку укú вóда úма фаф барáта, и кóлку аршúна úма от земјáта до нибéто и михлéт до трú дни, акó нé, шта та зáгобја". И си отишéл бјазарѓáнина омислéн* [V,PM,255].

óмјас m 'изглед' ~ *адúн óмјас сă* (= слични се, имаат исти црти) [ПК-(Мор)] - грц.

омјас(в)а impf 'личи, напомнува на некого' [BV,121]; (и: **умјаса**) ~ *и момчéта са чинúха јунáци, си научúха, ферманлúи си чинúха* (пишува: **си чинúхат**) *и фрéт са омјáсаха кату брáтќа* [V,PM,144]; ~ *царјут повел'а на негови л'уди, му донели увреинот отпрет него, го заколи сос нож, заколеха и едно прасе. Кога гленда, сăрцата омјасат* [V,PM,194]; ~ *кумицата гледа, кату неговата жена умјаса нивјастата. Тогас му вели на дјатету: "Лудо младо! Ушници, прăстен, бил'уцуга еден мастор ги чини. Ами и кумицата и нивјастата са омјасат"* [V,PM,70] – грц.

омори (са)* pf 'кога некој ќе почувствува замор' ~ *го пита жената му: "што ли си така, мăжу!" Он и рекла: "кату не сам харно, жену, оморил сам динеска! Ноа вечјар си заспал харно; утринта, кату стана от одăрот, си уму лицето, вели на жена му...* [V,PM,169]; ~ *ету излезел еден арапин, му вели: "што дјадо така пешкаш тука и викаш: ох?" И он му вели: "е ајол си оморих, та затова викам: ох!"* [V,PM,234];~ *за дá го изедé ламјáта, дáл му едúн сăт и го испрáтил да донесé от назикáна вóда. И катó пат'ýвало детето, оморúло са, заспáло на пăтја* [V,PM257].

óмóс conj 'за спротивност – ама' ~ *"за ја згурúш', ш'тó да ти прáв'ạ? óмóс јас мójту приќé ш'ту гу úмам ут мájка и си гу знája!"* [MS,t,11]; ~ *д'ăтито óмọс за-дан'ạ забáви, цáл óр'ạх му-гọ-бутнá на-газóт. Тó óр'ạхọт фатú. Н'úкна и му-изл'ázи ут-грạбóт-му* [ВБ-(В),344]; и: **óмус** ~ *си вúд'ạ óмус и ранкáта прăстин'у: н'ăj н'éјн'у* [MS,t,22] - во контекстот имаме остаток од назалниот призвук: **ранкáта**, уште и беспредлошки состав: **ранкáта прăстин'у** (м. 'на ранкáта прăстин'у') и трето: неакцентираното **а** и неакцентираното **ă** имаат иста реализација, и оттаму формата **ранкáта**, иако големата носовка во односниве говори се јавува со континуант **ă**; ~ *да пóш' да му рич'éш' на ч'урбаџ'úјата: "б'ăлуту ч'éрну стáнува, ч'éрнуту б'ăлу стáнува, пúсанóту óмус са ни распúсува"* [MS,t,14] - грц.

ọмóт m 'јарем'(?) [ЛС(К),96]. Веројатно се работи за превид, **омот-от** (или: **омоќ-от**) значи: 'парче дебела кожа која што **ги поврзува**

гредело́т со **јаре́мот**, ги спојува да се држат заедно' (во некои говори), додека 'јаремот' е "дрвена рамка" во која се впрегнуваат воловите кога орат, или кога влечат кола. На поширок простор наместо **омот'** се употребува: **привој (приву)**, сп.: *ве́ли: "бра́те, на́ ти а та́ја ко́жа да си чи́ниш едно́ при́ву за ора́лото"* [V,PM,125].

омре́ pf 'престане да живее, почине' ~ *и детето му са примо́лило и заре́кло, о́ти не́к да осто́ри си́н на башта́ си и да му дадé не́говите дре́хи, пак то́ј да зе́ме не́говите и са прикле́ло да омре́ та, а́ко ста́не на по́фтор, тога́ да ка́жја на башта́ си, о́ти е то́ј си́н* [V,PM,257]; и: **омрје́** ~ *хи вели́: "Се́ди сега́ ту́к да се́мне, та кога́ се́мне, аку си жјува, шта та о́женем". И то́ е оста́ и ми́слеше, дано́ да омрје́, немо́ј за тува́ да збуру́ва* [V,PM,264]; ~ *от го́ре до́јде дру́гие о́блак и погъ́рмјъ́ сас о́ган, са фъ́рли гро́м та па́дна та одъ́ри змије́та... та гу отре́па... и та́м като́ омрја, оти́де си дру́гата мъ́гла* [V,PM,260]; односно: **омреа́** ~ *свъ́ршила са клетвата, што́ са прокле́ло дете́то на ко́се́то, о́ти, ако́ омреа́ та на́ пофто́р да ста́не, тога́ да ка́же на башта́ си на́ визирја, чи то́ј му е си́н, пак ко́сето не* [V,PM,258-259]. Може да се претпостави, како што беше истакнато, дека поради неинтензивниот изговор на неакцентираните вокали дошло не само до замената (редукција) на **о** со **у** (*чувéк* м. 'човек'), туку и до обратна редукција (замена на **у** со **о**: *омре́* м. 'умре'); има и други такви случаи што се објаснети на соодветните места.

омрјал adj в. **омрен** ~ *и от два́ дни се́тне гу гле́да еди́н от хизмика́рјато като омрја́л, та гу попи́тал: "Оти си така́, ч'орбажи́?" И то́ј му рекъ́л: "Зашто́ ма пи́таш? Ни е́ то́ја ра́бота"* [V,PM,256]; ~ *и охче́ре са опла́ши, о́ти ни му плати́ мл'а́куту, што́то го хра́н'ешје 40 дни. И си оти́де офче́ре дома́ си и са ч'о́дешје, што да сто́ри, и бје́ше като омрјал ста́нал* [V,PM,256]; – во контекстот имаме употреба на минатиот активен партицип-2 (што во литературниот јазик се среќава во глаголски конструкции како л-форма), во функција на придавка, атрибут (**омрјал** = умрен).

омре́ш m 'смрт, умирачка' ~ *па ви́и му са ре́кле на не́го: Ето за Ис..., што са чини́ чове́к Профи́тин, стра́шин и на ла́фот и на рабо́та кри Бо́га, и на се́то инса́н; да как гу прудусува́ле Книгови́тите и Спаре́ите за те́шка омре́ш, да гу ставроса́ле* [MV,K,253].

омрен adj 'тој што не е жив' ~ *и она му рече: "добрја да дојдиш! И јаз имам маж на курбет, дајма го чекам да дојди: има сега петнајси година ни го чух, ни ме чу и он, не знам жив је или омрен"* [V,PM,163]; в. **омрјал**.

омудри (некого) pf 'направи некој да биде смирен, мудар' ~ *ниа чјухми, оти имаш јунак зент, штото страшни лами фати живи, белата бесна кубила ја фати, ја омудри, молим на вашо величество да го пусните* [V,PM,186].

ому(ј)е* pf 1. 'измие, исчисти нешто, најчесто со вода' ~ *умовитојут му вели на лудојут: "а бре, ти, ако дојдиш по-напрет от гората, да кладеш малко вода да са топли, да ја омуиш на мајка главата"* [V,PM,228]; ~ *и от сја нататак, кој ки иди да мели на воденицата,*

хак да не зеваш, туку, кога ки испрашташ човекот, тасот да гу омуваш, та тој ке ти дава по една жалтица [V,PM,278]; ~ *и му вели лудојут на умовитојут: "јазе, брате, ја умух на мајка главата ѝ и л'у ја омух, отворила устата и сакаши да јади, зех и јаз едно ице, ја дадох да јади"* [V,PM,229] (случај на употреба на кратката заменска форма за директен предмет **ја** наместо дативната 'ѝ': **ја дадох да јади**); во истиот текст и: **омие** ~ *тогас јунакот седна да чува воденицата и, кату му порăнчала младата самовила, тăј праел: л'у да омиваши тасот, един алтин добиваши* [V,PM,278]; **2.** – **(са)** ~ *рáну за стáна ут спан'éту, за сă óмуја пóнапр'ăт'* [MS,t,65]; ~ *"ти са мóл'а, нá ти и еднó шишéнци, да нал'áиш мăра вóда да ми докáраш, да си омúам óчите ки ми оздрáвл'аат!"* [V,PM,40].

он pron **1.** 'лична зам. за 3л. едн., во источната периферија се употребува и **тој**' ~ *и она отидел, гу бакна рăнката, и тој ја дава един алтин многоценно* [V,PM,164] – во контекстот се присутни неколку граматички посебности, прво, случај на нарушена конгруенција: **она отидел**, што претставува убав пример дека не треба случаите од типот **"он рекла"** да се објаснуваат со зачуван и вокализиран **краен ер. односно вторично појавен (в. Ј. Иванов, М. Малецки, Зб. Голомб и др.)**, туку дека е во прашање нефункционирање на категоријата род (ова веќе го имаме коментирано; в. во граматичкиот дел); второ, неразликување на функционалноста на прав и неправ предмет: **тој ја дава** (м. 'тој ѝ дава'); ~ *и óна рăбóте мéсц-и-пул, зăвúве óна. Зăмéсиц-и-пул пурáснуве и зăвúве* (станува збор за одгледување на свилената буба) [ПК,2(...)]; ~ *óде óна дă-шéте, дă-рабóте, дă-крáде, óн ус-дéцта сéде* [ПК,2(234)]; ~ *пýшта: пупăдúката и óна гу-пáсе, пáсе, гу-дукáре. Оно пá грăц, грăц, пá вăгл'ăне јáде* [ПК,2(233)]; **2.** '**он**' во функција на директен објект', поконкретно: **óна** со значење 'неа' ~ *цвúка ка:-тýриш уф-бăкăро* (**бакар** = котел), *ка:-пудвáриш, ка:-прăцéдиш. Сéтне пóдвăрта ка:-искáриш, и н'а: ка:-прăцéјш и óна уф-цидúлка ка:-тýриш, сă-чúне тáм* [ПК,2256)]; ваквата нерегуларна употреба на номинативната форма **он, она**, освен во материјали од Кукушко е констатирана и во Серско: ~ *а пеликáно úма нăпрăвéно седéло и ми пáзи, нă-мójатă кăштă úмă седéло, вúка, и-óн гă-лекувáх* (м.: 'и него го лекувах') [ЛС(К),129]; и во други регии: ~ *најпосле чини една кратунка, га издјалка добре, га тури аф чешмата. Она веки га оставиха, не га открадоха* (м. 'неа веки га оставиха')[V,PM,67]; ~ *тинака некоја богатска мома да не земиш, туку брат ти, што има една хизмиќарка, она да га земиш* (м. 'неа да га земиш') [V,PM,85]. Во "Кулакиското евангелие" ја сретнавме споменатава номинативна форма **он** во функција на датив (м. 'нему') ~ *да му вéли на нéгу: Пријáтил, как си дујдé тýка, шо немáл си рýба за сфáдба? Па óн му падná тéшку* (м. 'нему му падна тешку') [MV,K,270]. Во "Историја на македонскиот јазик" (Конески, с. 147) среќаваме: "Во нашите говори се забележуваат некои понатамошни израмнувања во промената на личните заменки... Во западното наречје се забележува

процес на навлегување на долгата форма за акузатив и во сферата на индиректниот предмет: *нас ни* (спрема: *нас не*), *вас ви* (спрема: *вас ве*), *нив им* (спрема: *нив и*). Се слуша и обратна замена: *ним ги*. Во 1 и 2 л. мн. имаме во некои говори (преспанскиот и др.) еднакви кратки форми за датив и акузатив: *нам ни – нас ни, вам ви – вас ви*". Значи констатирано е дека мешањето на формите главно се случува на ниво: акузативни и дативни форми. Но од нашите примери излегува дека во југоисточните говори односнава појава (нерегуларна употреба на падежните остатоци кај заменките) е понапредната, бидејќи е опфатен и номинативот. "Сите овие појави се израз на општата тенденција во развојот на нашиот јазик за редуцирање на морфемите во деклинацијата" (с. 147).

оназ pron 'за покажување на некого или нешто веќе споменато, односно што го гледаме но не е во наша непосредна близина – **онаа**' ~ *напа̀л'н'а ги в чувал и отива на ти́клата... Оназ тикла – ди́гни се, ди́гни се, похлу́пи са, похлу́пи са... Ни мој да излезе!* [ВД(Кал),334].

о̀нака́ adv 'на оној начин' ~ *тарго́вецо́ ви́ка: "Слу́шај, ви́а сти-сиро̀ма́си л'у́ди. Ко́лку па̀ри́ те́ра̀ти да-ми-го̀-про̀да́дити дете́то̀"... Ти́а̀ сиро̀ма́си л'у́дето̀... се-чу́дат, се-пра́т. Се́а̀ ни-та̀ка́, ни-о̀на̀ка́* [ЛС(К),107].

она́кеза adv 'исто така' ~ *по́по на́ са̀ра̀зл'у́туве и зи́ме си-уте́пуве и дру́го̀то де́те. На́тку̀м пушту́ве и мо́мичката. И сус-њáа та̀ка́ биду́ве* (погрешно пишува: **бѝдуве**). *На̀кусу́ро пушту́ве по̀па̀ди́ка̀та̀. И-сунáа она́кеза* [ВД(Пат),285].

Онамната Маала top. 'селско маало што се наоѓа на "**онамната** страна" ', с. Липуш, Валовишко; сп. **онам** 'отаде' [ЛИ,МИ...,166].

онбаши́ја m 'офицер во некогашната турска војска - од низок ранг' [BV,121]; ~ *тога́ оти́де и Кулу́ф на о́јска, и Го́спод му даде́ ја́кос мло́гу и марифе́т: са чини́ онбаши́а, от онбаши́а јузбаши́а и проче́е* [V,PM,9]; – турц.

о́нд'е́н' (и: **о́ндин'**) adv **1.** 'преку еден ден, задутре' [MS,s,78]; ~ *сивичира́ле а́рно, си-пра̀ви́ле ке́јф це́ла ве́чер. На̀ра́нто: "А бе ѓа̀ур, мувéле, а бе ка̀ урче, зéва̀ј две́ ли́ри и о́ј-си! Утре не́, о́нден па́ да̀-до́јш! Утре не́ – о́нден. Да̀ са̀ удмо́риш идну-ден"* [ДК,134]; сретнавме и случаи во кои прилогот се јавува во членувана форма: **о́ндинту** ~ *на̀-у́труту на̀-о́ндинту кинисáл, о́де та́м на́-то́ ме́сту. На̀о́ја̀ та́м па̀ла́ти. Та́му на́јде́л три́ дивујчи́јна* [ВВ(Крон),312]; **2.** 'по неколку дена' [MS,s,78].

о̀ндулак m 'данок, десеток (10 % од приходот), што во Турско го земала државата', уште се вика и **ашар** [ТГ,339]. Во соседниот струмички говор веројатно се употребувал словенскиот збор **десеток**, што го имаме запишано во топонимот **Десе́цки Гумна** 'место каде што од снопјето се изделувал, земал **десетокот**' (с. Дукатино).

онеме pf 'кога некој ќе ја загуби способноста да зборува' ~ сп. верување: во секоја куќа постојат *арни и лоши работи шо не са за кажувајне*. Во тие лоши работи се вбројува и *куќната змија*, која што не треба да се убие ниту да се зборува за неа, зашто оној што ќе го стори тоа може да *ослепе*, или ако пушти глас може да *онеме* [ТГ,301] – суеверие.

о́ниј pron 'за покажување на некого

или нешто што не е во наша близина, но сепак го гледаме – оној' ~ *после три или чéтри дéна отиде óниј човéк на кадúата и му вéли: "кади ефéнди, јáзе отúдох да си рашетам покрáј морéту и гу најдéх товá човéк тáмо"* [V,PM,9]; и: **оно (за м. род)** ~ *оно ден и царјут изл'ази пишак и тебдил да ходи по земјата му, да види што има* [V,PM53]; и: **онова́** (за м. и с. род) ~ *и така детету останалу да чува дјуканот и, дур да дојди ахтаринот, детету и продал за неколку гроша њашту, парите ги тури аф онова кесе, што му и дал старио* [V,PM,34]; ~ *тój бил мнóгу бǫгáт чǫв'ák. Имáл четúри, пéт сúна, бǫгáт, кój óфци, кój ǫнóвǫ* [ЛС(К),118]; ~ *да знáеш óти ки гу изјáдиш имáниту, та сéтни нé ти чáка дрýго, сáмо да úдиш éту на онова́ дарво висóко, што је нетрú аф бахчáта, да фăрлиш еднó вăжи да си обéсиш* [V,PM,7]; ~ *Ох, áм дéка отиде 'онова́ рáдос от онúа мóми? Они фатúха да плáчат, ча ги бéши стрáх, цáрјут да не ги расúпи* [V,PM,10]; за ж. род **онае** ~ *сега удајата е харна, ами сега да имаш и ламината керка, онае дјуња-ѓузели, тогас векu кату тебика друг нема* [V,PM,43]; сп. изр.: **онова саат** (= во моментот, бргу) ~ *ету на онова сахат дошли карталите, сакаха човекот да го изјадат* [V,PM,222]; ~ *му вели на царјут: "ету тос мој пезодром ки пусними да ја посака за мене". Еи царјут, да не расипи на синот му хатиро, го викна онова саат ошти дјатенто и му вели:...* [V,PM,157]; ~ *онова сахат он направи на Лиму кехајовите куќа една одаја башка, та отишел на Солун* [V,PM,164]; **тва́ ǫнóва** (= било што) ~ *отúват тáму и-стигнáли тáм. "Дóбрǫ вéчар, тва́ ǫнóвǫ..." Он, гва́ ги-вúде ги-пǫзнá ǫт-му-сǫ-брáтǫ* [ЛС(К),113]; ~ *úстǫ прáј óн-пǫ. И нǫ-úсти нáчин. Ги-пǫсрéтал фúнǫ, тва́ ǫнóвǫ, итúǫ пáри ги-врáт'а* [ЛС(К),113].

онлук m 'стара турска монета', сп. обичај поврзан со свадбениот церемонијал: ~ *и кату за го брич'ат, зентјут изважда неколко стребрени пари или онлуци, метнува нетри на тавлата, та ја земуват две-три деца, хождат на водата, ја треснуват тавлата и ги земуват парите* [V,PM,248].

о-о-ле́ле interj (извик со кој се изразува чувство на болка) ~ *и вăлко ă-стигнăл и á дă-сă-фăрле врăз-нé-, а óна фăтúла дă-óх- ке и жáлно дă плáче: "о-о-лéле глáвичка, о-о-лéле глáвичка"* [ВД(Пат),286].

óп interj 'се кажува кога нешто се случува на брзина, изненадно' ~ *и рéкле: "Е, Гóспуди тúа кáминто дă-стáнăт сјá адни кăшти"... имáло кáрпи гулéми... И тúа óп стăнáле кăшти кáминто* [ПК,2-(228)]; ~ *"Нăýчи нúшто?"* (зн. 'Дали научи нешто?' – отсуството на прашалната честичка "дали" сигнализира на елементи од балканската јазична алијанса), *вó му вéле: "Нé нăýчи!" Шаап, иднă-шл'ăкăнúца м-удúра. Дрýгуто дéн тáка, дрýгуто дéн тáка – ооóп, сăиспăлнáја читирдéсит дéна* [ДК141]; ~ *е, рéкăл: "сјá д-úма, чáфките нǫ-пулéнта да-стáнат óфци"...Ооп, чáфките óфци станýват* [ПК,2(228)]; ~ *"... пóзеќе ми-ј-скăрáа óчте, а нé па твójут, úч па нé ки-мóж да-пуглéднум". Пóсле кандúсе, му кǫпнýве мáлко, о-ó-п, árно* [ПК,2(231); ~ *тăкá, тăкá,*

пудигна́х си-гла́вта, гле́дум пут-кру́шта дву́јца се́дат... Ја́с о́п са́-најде́х на-сре́ди [ПК,2(359).

о́пак adj 1.'се кажува за човек што е злобен, што се однесува лошо' (в. **наопаку**) ~ *ве́лиши на сфе́тут: Ше́с дни́ са уф неде́л'а, шо и просте́но да си рабо́ти; на ви́и дни́ ви́ки да и́дити да си леку́вати, да ни́мо на де́нут на су́бута. Гувори́ Ис... на не́гу, да му ре́кал: Опак чове́к, се́кој ут ва́с не́ си пу́шки во́лут или магари́ту ут ја́слата уф-су́бута, и а но́си да и напо́и?* [MV,K,278] – во текстот, во зборoформата **субута** големата носовка се рефлектирала во **у**, што претставува црквенословенизам (**нилика субута**); 2. 'нечесен, лицемерен' ~ *а́ку не пруштава́ти на л'у́дито кабаа́тити на ни́х, ни́то Та́тко ва́ш ки ви про́сти ва́ши гре́хови. И ко́га по́стити, ним да си чи́нити като́ о́паки жало́ви; шо си расипу́ат ли́цито ни́хно, да си пу́л'ат на сфе́тут шо по́стат* [MVK,282] – во изводот среќаваме изразување на посвојноста со форма на личната заменка, наместо со присвојна придавска заменка: **а́ку не пруштáвати на л'у́дито кабаáтити на ни́х** (м. 'нивните кабаáти' = грeови).

Опака, Опаката Рjака top. – во првиот случај има поименчена придавка, сп. стсл. **опакъı** 'обратен, не на лице' – Ј. Иванов истакнува дека споменатава река навистина има обратен правец на течење, според реките во соседството [ЈИМИ...,166].

опако adv 1. 'кога нешто е поставено на обратната страна' ~ *тогас бабата зема една честина и брашно и еден бакăр* (сад) *и една пируска, та отиде праве на брјастот удол седна, фатила на опако честината и клала брашно да тсеи* [V,PM,241]; 2. 'кога нешто е сторено обратно' ~ *амă идно пурăмнувајнă нă тијă гуди́ни су сига́шните сă пулјă оти тогăј јăрăджи́јте нă погулемите малсăјбиј биле по арни, сеа нă опăку ув помăлечките* [МЕ(Р),85].

о́парни́к m 'место изложено на ветришта' ~ *ни́м о-дăржи де́тто на-то́о о́парни́к* [ПК(Мор)].

опашан adj 'заобиколен' ~ *сăто поле опашано-ј су неколку ридишта едри и малечки, ка са пулја ут Постул "паралелни" планини, шо са зафајкјат ут Пајик и одат пишин на југ и на зајди-слăнца ду Водин* [МЕРр,70].

опаше (се) pf 1.'половината си ја стегне со појас' ~ *ќе-се опа́ше по́јас и пре́гач со-алтăн'е; ту́ри на-ра́ќите гри́мни стре́брени, – ти́ја ги кажу́ваме ко́лби; и́ма гри́мни от-ме́да – ме́дени гри́мни* [ВЕв-,301]; – уште еден пример во кој атрибутот доаѓа зад именката, што се третира за балканизам: **ту́ри на-ра́ќите гри́мни стре́брени;** ~ *ја тја на мајка и́ вели; мале, мила мале, јазе как за вјахна таткова ми кон'а, и ки опаша с таткова ми остра сабја и да кинисам за нивјаста* [V,PM,183]; 2. 'на појасот, односно на ременот закачи некој предмет' ~ *тјанака са ублечи сос мăжки дрехи, са опаси сос остра сабја, вјахна на бăрзата кубила, киниса на пăтјут* [V,PM,71]; ~ *без изун татков стана та си опаша сос тешка и остра сабја, си зема и тешка бозлугана* [V,PM,-215]; ~ *и то́јнака зема́л 40 му-ли́нта, опаши́ чакма́кот на по́јас, зема́ и балти́ата, кини́са, оти́де на гора́та... и то́јнака фати́ да се́чи дăрва* [V,PM,107]; (– **чакмак**

= челична направа со која се удира во кремен камен и се запалува оган); 3. 'се спреми со оружје' ~ *тогáс цáрјут му дадé бáрза кóн'а и́ пет шéс другáри; и си опашѝ сóс пиштóха и пýшки, вјахнá на бáрза кó-н'а и кинисáха* [V,PM,111].

опашка f 'израсток на задниот дел од телото на животните' ~ *отиде цáрјуф син на чаирите, легнаха двата близу-близу; ама истом по ранината хратленту со опашката си земуваши от реката вода и напраскаше околу момата тревите* [V,PM,71].

опии са* (и: **опие се**) pf 'се напие алкохол и покажува знаци на пијанство' ~ *пуснал сугарите на езера, водата ја беха смрáкнали; тогас сопразна винуту на езера и, кату ожјаднаха ламите, го испиха виноту, си са опиха* [V,PM,185]; ~ *гóстето ке-вечéрат, вúно ке пú-јат, ќе-и-кáршат мисýрито, ќе-се-опúјат...ќе-úграт, ќе-лудýват – óро úграт, тáпанут кóа чýка* [ВЕв(Бар),301]; ~ *калугириту земаха ракиата, пијаха сос детенто, дури векu гу опиха, гу стуриха дип ќор-ќутук, си ја земаха калугиретy момата* [V,PM,230].

опита* pf 'запраша' ~ *кажи го, кажи брат ти Марко дека-ј.[Ej бре вие геги, геги Јарнајути,[сега тука беше, не знам дека утиде.[Ох, му сичеја нејна руса коса,[и ја повторија, пак ја опитаја:[Оj мори моме кутра Елено,[кажи го, кажи брат ти Марко дека-ј* [БВ,68]; ~ *е, сéга цáрут ќи-и-пúта шó занáт и́-мáт. Опúта пáрву уд-гулéму па ду-мáлéчку. Гу-пúта гулéмиут брат: "Ти́, му вéле, шó знáјш?"* [БМ,195].

опúтува* impf, в. **опита** ~ *пá иднивујнúци úмше тáм сус-нáс. Тие тą ọпитýвăт шó рăбóтте, шо пруизвóд си-извáјќте у сéлто, кáк си пуминýвте, шо пóвиќе рăбóтте – 'нáчи ступáнцки рăбóти нą пúтăт. А, вó кýче сáмо заúр пăлно, óтруф* [БМ,193]; ~ *и тóгăш, нą-тó-тăквó шо-нą-ọпитýвише и шо-нą-чúнише, нą-тó другáрину сą-видé лéбут пут-пáлтту шому-бéше* [БМ,192].

опко n 'опачина, т.е. задната страна од нешто' ~ секоја *ругузина* има *лице* и *опко* (опачина) [ТГ,353].

оплáши pf **1.** 'стори нешто од што некој почувствува страв' ~ *тогáс кадúата му велú сос л'ýтос за да гу оплáши, да га остáви женáта: "а бре беззакóник, заштó пристапкаш зáконот спрăти пазарлăкот, што чинú! Заштó не земýваш алтăните и да га остáвиш женáта?"* [VP-M,12]; **2.** – **(си)** ~ *му вéли: "брáтку, кóлку за дрéхите, што ми дадé да си óблека, благодáрим ти, áма зá насáт не мóга да си вăрнам, ча си оплашúх млóгу"* [VP-M,21]; ~ *и л'у го вúдоха, сúчки, штó бéха аф гимúата, си оплашúха от нéгу, зашто не бéши човéк кату нúх* [V,PM,24]; ~ *му вели: "а бре кајурин, ја парите дај ми, или за та зан'а на пашата да ти заторја!" Тогас христенинот са беши оплашил млого, дур му си расипа чехриту* [V,PM,193]; ~ *му рекăл: "Јас рéкох да ма ни пúташ за по-гол'áма рáбота, а то за тáзикáна мóже и хизмикáрја да е свăрши". Та са оплáшил цáрја и сáм си рекăл: "Хизмикáрја му тóлку знáе, ја ч'орбажúата кóлку знáе?"* [V,PM,256].

оплашин adj 'тој што чувствува страв' ~ *сиромахут кату оплашин му вели: "варај, господине владика, што и това што ми кажуваш?*

Јазе ти знам тебика кату татку и ти казах правината" [V,PM,39]; *~ и така оплашен на жена му говори: "ох, жену, динеска ... тил'ал викаше: "кој знаи, таја болка от дека испаднала на правцјата, да кажи на царјут, млого мижде има да везми!"* [V,PM,194];~ *Тогас христенинот са беши оплашил млого, дур му си расипа чехриту. Кату гу виде увреинот така оплашен, му вели: "а бре будала, што си си оплашил така!"* [V,PM,193].

о́пне pf **1.** 'затегне нешто' ~ *о́пн'оо то́о сиди́мут* (= затегни го); **2.** – **(се) а.** 'се испружи, легне комотно' ~ *у́бувo-j ле́тто, о́пни-му-се нӑ-слӑ́нцто це́л де́н, ќи-сj-спе́чиш куту ри́ба* [ПК,2(187)]; **б.** 'се спротивстави' ~ *до́бро-ама, мӑрувајќи-гу, зна́чи, сӑ-спушти́л де́фо уф-не́тре, до:-ме́рӑт тӑма́н. Ка́ му чу́кне дисти́на кирфи́ј узго́ре и-де́фо уф-не́тре фа́тен. "Е, о́пни-сӑ рӑче́л се́га, дӑ-ви́думе да́ли мо́јш да-гу-утво́риш"* [ПД,160]; ~ *но́го, но́го а́к са́ке дӑ-зна́а, о́пни-му-се и ти́, ни́м му мо́лчи;* **в.** 'се зафати сериозно за да се заврши некоја работа' ~ *уса́јн ма́стур, о́пни-му-се, зӑ-ме́сиц-два́ ка:-нӑпра́виш куту ни́што;* **3.** изр.: **м-упи́нат ќуте́ко** (= кога некој е изнатепан) ~ *гӑрчќо: по́п дӑржа́л цр̆ква в-Але́ксуво...Фа́јќат адна́ сӑба́јлин, н-е́дин Вили́дин, гӑрчќо: по́п дӑрже цр̆ква, м-упи́нат ќуте́кут* [ПК,2(306)].

опознае* pf 'запознае' ~ *и му ка́за вси́чко, о́ти то́ј гу напсо́ва, пак дру́гиа закла́ха, та на нек оста́на хала́јтката, и о́ти ре́ч'а: "Го́спот да ми даде́, а то́ от ца́рја пари́ ништа́"... Тога́ излала и хала́јтката та са опозна́ли са́с ца́рја* [V,PM,255].

опопи (си) pf 'се замонаши, стана свештеник' ~ *и как гу виде владиката, му рече: "ела сега, што ти даде Господ чедо, поп ке ти чинам!" И тојнака отиде на владиката, си опопи и работил на Бога ду 16 година* [V,PM,88]; ~ *по-дно време имало еден човек, мислиши да се опопи. Но кату не имал чендо, зарди това млого ахтлиа беши* [V,PM,215].

оправи* pf 'даде тек на нешто, среди' ~ *"Ами сега ошти една лажа ки ти питам, наистина дали ки га оправиш?" – "Кажи ми, царју, што сакаш от меника?" Царјут га вели: "пет јајца тројца души да ги дел'ат, сички по три да земат – таквас дјалба дали ки можиш да ги делиш?"* [V,PM,101].

опре* pf 'нешто стигне до некаде, допре' ~ *после повелил и на сланцето да изгрее та шта види, што ште стане. Сланцето изгрело и си и опрело зарите на бахчето и гледало, што ште стане. Как гледало, видело, че на сред бахчето стои едно момче и една мома* [V,PM,266].

опре́гна pf 'впрегне, стави во јарем (пр. волови)' ~ *едно́ вре́ме и́маши еди́н сирома́х чове́к. Еди́н де́н ста́на зара́но, опре́гна о́ловиту, кини́сал, оти́де на ни́вата да о́ри* [V,PM,30]; ~ *да зе́ми две́ о́лови, да́ опре́гни, та да и́ди да о́ри, а́ма е́дино́јут о́л на че́ло да гу боде́, дру́гио на ќӑ́чут* [V,PM,114]; ~ *и јазе вјахнах на пашката: отидохми да ја брӑ́ками мухата, та ја најдохми на едно рамно поли, дека ја беши опрегнал еден чифчиа сос еден бивул, та сос них орјаши* [VPM,202].

опре́гнант* adj 'кога добитокот е ставен во јарем, за да може да

влече рало, односно кола – впрегнат' ~ *и éту едúн господáр голéм ác еднá карóца сóс чéтри кóни опрéгнанти, сóс кушúа дохóждаши* [V,PM,152].

општé adv 'општо земено' ~ *брýнки на-млájте кá излéват вúкаме óти сă-гóе, сă-гó, а брýнка општé. Е, тó-j чúр, óн ќи-пусинée* [ПК,2(240)].

óштина f 'градска управа со администрација' ~ *мúро му-тýрат, кóсичка му-с'áчат и-пóсли на-цăркватá ká-ќе-е óшти ка-ќи-му-тýрат úмитo прет-да вл'áзат авнéтре, однáдвор ќи-му-тýрат úмитo. Нúа аф Гăрцúја, нé-знáе нúкýj úмéтo... Тáм ќи-гo-запúшат на-óштина* [ЛС-(К),136].

опăрнино (лúце) adj 'лице изгорено од ветар и сонце' [ПК(Мор)]; в. **опарнúк**

ор! (< **мори** – само за лица од ж. род) interj ~ *сам се чуде сирак Кол'о,[пари нема да му врате,[си отишол дури дома:[Кол'овице ор нивесто,[извади си тешки дарои,[ја бркни си у џепои,[да прибројме триста гроша* [БВ,46].

ора (< хора) pl 'луѓе' (називот е позајмен од грчкиот јазик каде што значи 'област', односно значење било познато и во стсл. јазик) ~ *кóј úма кóли, кóј úма кóјне дăнóсăт кáмине, вăр, пéсук, ки-сеплáште скăпо, прéскăпо. Мájстуре вúка нóго – адúн дéн, што-ки-е-нăзăт, двá нăпрéт нéк-е. Нăбрáа-се óра. Тáа се-нăпрăвú нă мăш – истрижá-си кóста* [ВК,283]; во истиот текст подолу: **хора** ~ *и вăрвăт-си хóра нă-гóре, нă-дóле, пúăт, јáăт, не-плáштăт.*

óра* (и: **бри** < оре – со редукција) impf 'ја разрива земјата со плуг или рало, ја приготвува за сеидба' ~ *и кăжáа нáште бижáнци: сéкуј да-си-трăгне брáзда, да-нé му-óт бижáнците, дă-нé-мо-óрат* [ПК,2-(222)]; ~ *да си-зéмиш sигвáр валóве,[да си-óриш рáмни двóруве,[да си-сéјш бéла пчинúца* [ПК,2-(253)]; ~ *отидохми да ја брăками мухата, та ја најдохми на едно рамно поли, дека ја беши опрегнал еден чифчиа сос еден бивул, та сос них орјаши* [V,PM,202]; ~ *такá и срéднојут брáт најдé едúн чорбаџúа, са главú да му óри на нúвите* [V,PM,20]; ~ *сéтни големójут сúн бéши мăра по-акалúа, земá олóвиту, и отúде на нúвата да óри* [V,PM,26]; ~ *еднó врéме úмаши едúн сиромáх човéк. Едúн дéн стáна зарáно, опрéгна óловиту, киниса л, отúде на нúвата да óри* [V,PM,30].

óрадúса pf 'наиде, му се случи непријатност, сп. го изразот: **бил'á óрадúса**) ~ *дојдé пападúката да тéра пóпа, му вéли: "а брé сúнку, дéка е пóпот?" Барлúвојут заеднóч: "кój знáj дéка е пóпот? Кój му речé да úди на диминúко, да глéда, нúа зашто мérихми алтăни!" Тогáс пападúјката познáла ча пóпот бил'á óрадúса* [V,PM,125]; ~ *тогас брат му му вели на лудојут: "сакин, брате, да не ги пусниш, зашто одол има базирґани, седјат, за уклавеш подин, да сетни бил'а за орандишими"* [V,PM,229].

óра калúсу 'поздрав, пожелување = среќен ден' – грц. [MS,s,78]; се употребува и скратената форма: **ора кали** ~ *кату чу и калек, лизнува на космите му, и дошел бăрзата кон'а со сè таким да вјахна, киниса и ги фтаса зентјувите на пăтјо. Он му и рекла еднош: "ора*

кали"! И ошти еднош не могли да го видат [V,PM,160] – во извадокот има 2 случаи на нерегуларност во употребата на родот – именката е во машки а атрибутот во женски род: **дошел бăрзата кон'а**, во вториот случај субјектот е во машки а предикатот (л-формата) во женски род: **он му и рекла**.

Орáково Вăршúло top. 'ниви во Зилјаховско', сп. тур. *orak* 'срп, жетва' + слов. *вăршúло* 'гумно' [ЈИ–МИ...166].

орал (и: **óрăл**, односно **урéл**) m, zool., Aquila 1. 'крупна, црна граблива птица' ~ *к-óдăме уф-нă-цáро двóро киóрăме, шо-úма жúво сăто киизóрме... Кá ки-испáдне цáрската мóма óрал'то ќи-стóт нă-кăштта, ќа: грáбнат, ќа: дóнцат* [ПД,154]; ~ *оралут рекал: "Заколи три бивула, напăлни три меа вода, качи и врăз мене и ти качи се, да ке та извадум!"... Детто зготвило месото и водата, и качило врăз оралут, и оно са качило. Одешти ми са, каде викнувал оралут "Га", му давал месо, каде – "њу" – вода* [V,PM,271]; ~ *един ден – ка са шетал, видел един орал, дека писке. Го питал: "Што пискиш?" Оралут му рекал: "Една змиа иде ката гудина, ми јаде пилците, и сега иде, па да ми и изеде"* [V,PM,271]; **2.** изр. **удурéл нă будéл** (= нешто направено нередовно, со прескокање); **óрли нóсе** (= се кажува кога нешто испушта интензивна смрќава) [ПК(Иц)].

орáлу* n 'земјоделска направа за разривање на земјата, рало' ~ *тóјнака, кату ги најдé алтăните, пák ги зарú на мéстоту им, и заеднóч здигнáл орáлуту и си отúде аф-домá, без да кáжи нúшту на жéната му* [V,PM,30]; ~ *и тóј отúде на брáта му, му вéли: "брáте, нá ти а тáја кóжа да си чúниш еднó прúву за орáлото, ча јáзе гу заколúх óлот, гу продáдох месóто на гáргите!"* [V,PM,125]; ~ *като спал тој, ăдно дјаволча дошло да му открадă воловăто, и, как ги отпрăгал от оралото, ч'ул го чл'ака и станал та го фатил* [V,PM,290].

орана (**нива**) adj 'нива што со помош на рало (или плуг) е приготвена за сеење' ~ *нúва áку нé-ј рăзрăбóтăна, устáнна нé óрăна сă вúке цéл'на* [ПД,120].

орáт (**вол**) adj 'вол со кој се ора' [ПК,2(82)].

óр'ạх m, bot., Juglans regia 'овошно дрво, расте високо, плодот му има тврда кора; називот освен на дрвото се однесува и на плодот' [MS,s,78]; ~ *пák на жрјáпчето храната му е бúла: стафúди, мúгдали, орјáхи, лéшка, и дрýги таквúи* [V,PM,120]; ~ *фатихми, чукахми од орјах л'ушпи, ја вразахми раната. На раната беши зникнал орјах един корин, и си чини гол'ам орехот* [V,PM,202]; ~ *и пак што има на земјата дăрва, кăтки цвете и друго нешто, на едно кадро да ги извадиш и аф орјахо нетри да ги избериш!* [V,PM,89].

óрахч'и* n, dem. в. **óр'ạх** ~ *с'éтн'ạ нóс дúфуту з'éва кóпану, гу ч'ýка кýцур намúсту Иринќóт; л'у раскрúва оргáн'у, гу гл'éнда кýцур. Тугáш фáти да сă ч'ýка дúфуту; и Иринќóт имáш'и óрахч'áнта, си ги разбúваш'и сăс ч'акăнчиту* [MS,t,50].

орач* m 'човек што ја ора земјата' (со пошироко значење = земјоделец) ~ *тоги Април отиде, му кажа на орачут: "Така, така, риче, они сакат да ти преземат бирикетут, колко една инка што бере да ти*

остават" [V,PM,294]; ~ *стани ми стани галена Радо,[стани ми стани чупче чујено,[орачи сидат за Рада зборват,[стани ми стани галена Радо, стани ми стани чупче чујено,[дрвари сидат за Рада зборват* [БВ,40].

орве* pf 'откине плод' ~ *бабата му вели: "синку, как за појш, тасот да гу земиш и да побегниш! Зере тамо има млого имиши: сакйн да не си смамиш, да орвеш от имишите"... Кату бегаши, беши видел едни смокви хубави, орва една смоква* [V,PM,219]; ~ *заеднош ламјата са варна да бега, но тој ниту светилуту изгасна, ниту са оплаши от неа, туку си окачи на јабалката, ја орва и фати да ја тера ламјата* [V,PM,236].

орган m 'музички инструмент' ~ *и то́ј седна́ на еди́н кра́ј, ча мо́мите при еди́н хавъ́з едни пе́сни пе́иха, други сви́рка сви́рјаха, една́ му́зика и се́какви орга́ни* [V,PM,9].

оргован m, bot., Suringa vulgaris, и: **аргован** ~ *дека седе Делјан Грозда,[Делјан Грозда бојаџијата,[бојаџијата вапцанџијата,[да ми вапца два бајрака,[еден зелен, еден црвен,[ја зеленио за Велигден,[ја црвенијо за кавгата.[Оргованот му цутеше, на градите му паѓаше* [БВ,150].

оре interj 'за повикување (обично на лица од м. род)'; в. **море, јоре** ~ *А лексо веле гојворе:[Оре бре попе, мор попе,[ако бре попе ти си Грк,[вратут ти да си искршиш.[Ако си попе нашинец,[чини се ду мен поблизу* [БВ,128]; за ж. род: **ори** ~ *ори Недо леле млада чорбаџијке,[од вишни дивани на рамни дворови,[мене да ми платиш што сам работило,[што сам работило токмо три години* [БВ,186].

орлав* adj 'нешто што се однесува на орел' ~ *рекло: "Ќаа! Пушти ме ваа сестра јас да гу носам и оште сус пејна да и́ гу дадум!" И ќаата гу пуштил. Си рекйл детто: "сеа да ијм орлавта сила!" Са чинил орал* [V,PM,295].

орле n, dem, в. **орал** ~ *пиринџко орле, орле крилато,[високо леташ, далеку гледаш, што пушки пукаат, Турците ухат.[Дали Русија Плевен разбива* [...99].

орлија* adj 'нива што се ора' ~ *ним шетај Цемо слободен,[низ тије нивје орлије,[низ тије нивје грозлије,[распашан Цемо растурен* [БВ,98].

Орлици pl 'група ѕвезди: **Рало-то, Орачот**' [ЛС(К),96] – називот за предметот со кој се ора овде гласи **орало** м. 'рало' и оттаму називот на ѕвездите **Орлици**.

ормај m 'вид слатко овошје, урма' [BV,122] – турц.

орма́н m 'шума, дрвја, освен на ридско земјиште може да биде и среде поле' ~ *оти́де на ни́вата да о́ри. Оти́де не оти́де три́-че́три бразда́, е́ту едни́ хајду́ти изле́зоха от орма́нот, гу зема́ха де́тето, зашто гу зна́јаха, ча бе́ши чорбаџи́јску* [V,PM,26]; ~ *му вели царју́т на сиромахут: "ej побратими, а̀јди да влезими двамината аф орману та да излезими четроица!"* [V,PM,54]; ~ *тамо има чешма и една висока топола, ти да си искачиш на тополата, јако да си дăржиш, јазе пак за са искриа на орманот* [V,PM,54]; ~ *и тојнака тебдил са чини, са преобрази со са други дрехи, вјахна на харин кон та от друг пат отиде та ги срјати на еден орман нетри* [V,PM,92]; Ј. Иванов наведува повеќе топонимиски образувања од односнава регија: **Орма́ница, Орманли́ја, Орма́нто**

[ЈИ,МИ-166].

ормáнче n, dem. од **орман** ~ *и сизéмă нóга зă нóга сă-скримă уедни* (едно?) *ормáнче, у-една-шýма и тáм цéла дéн. А, шó муричéк јáс нă-тó· другáрут: "Гéли зéвăј едúн лéп случáјно дă-н-сапријáде, лéтин дéн, мóш-дă-ти-сапријáде, амă как ти-óтруф"* [БМ,191]; в. и: [BV,122] – турц.

орне n 'обработка на земјата со рало – орање' ~ *"А-бе, кóјн, áрăнто сă-забráуве ли?" – "А-а, вúке кóјно, сă-забráаве, já. Ас ká бúх млáт: óрне, óрне, нă-чéза, нă чéза, нă-шпиéта, нă-шпиéта. Сјáа устарéх, áдна клóца ми-ддéа"* [ПК,2(265).

Орници top. 'брег, ниви' (Герман, Валовишко), како апелатив (= нива што повеќе години не се работи) називот е познат во западните македонски дијалекти, на исток се употребува **целина,** сепак среќаваме траги во микро-топонимијата, што се потврдува и со заглавниот збор [ЈИ,МИ...167].

óро n **1.** 'народен танец' [BV,122] ~ *бележúл јунáк, бележúл,[бележúл мóма на óро,[бележúл јунáк, бележúл,[бележúл кúтка в-градúна* [ПК,2(187)]; ~ *тáм сă бéрше, нă-Лéтин Свúти Атанáс, пăнăгúр. Пăнăгúр прáвăхме. На пăнăгúр úдаа уд-сúте сéла. Ќи-дójдат, óра ќ-úма, гóсте. Тăвá-ј пăнăгúр* [ПК2-(295)]; ~ *нă-сéлто нă-Петрóвдин прáват сăúр. И сă-фатúли нă-óрто мóми, ергéне игрáат. У-тăвáта врéме, нé кут сáа бăркăнúци мóми, ергéне – мóмте удделно, ергéнто удделно игрáат* [ПК,2(337)]; **2.** 'народна веселба со оро' ~ *ут-кăпуминáле двájсе гудúни, сă-дукарáло рéт тó· тăргóвăцо дă-дó· пá уф-тó· сéло. Вéчарта си-нójце акрáно, уфкăвăнéто пусăдéле и удделе нă-óрто* [ВД,278]; ~ *да утúшла кéрка му на Х..., и играјáла, и а биндисáле на óроту на сăти, да ричé цáрот на мóмата: "Сákај, шо ки сákаш, да ки ти дáдам"* [V,РМ,26]; **3.** изр. **óрто гу-вóде** (= тој е прв во многу работи, обично недобри) ~ *сúте рăбóти óн ги-зафáште, óн óрто гу-вóде* [ПК,2(187)].

ороне* (и: **јороне**) **солза** 'заплаче, пушти солза' pf ~ *молчи моме молчи, чума руба неќе,[чума руба неќе тук мен ме сака,[ти моличе убаво, ти благо јаболко,[лежев се долежав, веќе ке се јумре,[бар да дојдеш моме на мојата гроба,[свеќа да запалиш, солза да јорониш* [БВ,213].

орта-копа f 'детска игра поврзана со празникот **Прочка** или **Запустење**'; сп. обичај: приквечер пред празникот, на одредено место покрај селото, децата уште преку ден секој ќе донесе еден **нарамник** (= колку може да се носи на рамото) **ражиница** (= крупна слама) и ќе направат голем куп слама околу кој навечер ќе се наредат и ќе го запалат, а потоа ќе играат. Според авторот Ст. Тановиќ се работи за позајмица од турскиот јазик со значење: заобиколен куп.

Орта-Чиким top. 'име на место во Дојранско Езеро, таму се фрла **грип** (= вид рибарска мрежа)' ; тур., зн. 'среден излез'.

ортáк* m в. **ортакчúа** ~ *кату чинили здráво жúво, са искáзаха сéкој по што рáбота кинúсали, и такá сачинúха троúца ортáци: колку ке да добúат да гу дél'ат кату брáтја* [V,МР,8]; ~ *рекоха меѓу них: "ајде, побратими, да го исмамими тос дебелоглав бăлгарин, да станими сос него ортаци, да го извадими по гурбет, да го загубими дегонде"*

[V,M P,178].

ортаклăк m 'договор за заеднички економски настап' [СК,332]; ~ *и тјанака му вели: "Синку, да направиш еден тјумјусук, и да идиш на царју да му речеш: царју, мој дјаду и тој татку имали еден ортаклак, та една делва алтани останаха неделени"* [V,MP,100].

ортакчúја m 'човек што има договор со некого за заеднички економски настап' [СК,332].

óртума f 'направа од сплетени конци од коноп, служи за врзување – јаже' ~ *нóсат синú·та, лăжúци, сăдăве, дă-сă-вичére. Лéно – дă-пулúват. Ѓýк и тóо, сијмéно. Адúн ут-кумúтто зăд-гăзо нóсе óртума, ел'мéко нăпрáвин, мóо турýват нăшúита* [ПК,2(335)]; и: **ортома** (без редукција) ~ *малкајут брат им вели на гол'амите: "ади братја, за ва враза сос ортома и да ви пусна нетри на дупката, да терати ламјата и, ако си оплашите нетри да клатнити ортомата"* [V,MP,220]; ~ *Големјут брат рекал: "Вăрзајте ме сус една ортома, пуштејте ме уф дупката и, кога ки а дрăснум, да ма искарите?"* [V,PM,16]; однос- но: **ортама** ~ *úмахме адна ждри бúца, брáт ми гă-ýчше тугáј ус-кустéци дă-óде, рăвáн. Кустéци знáјш шó-ј? Нанóјсто клáват кустéци да-мóже рăвáн д-óде. Ортами, кустéци* [ПК-,2(351)].

оружје n 'метална направа за стрелање (за напад или одбрана)' ~ *због гум ти моја другарке,[због гум, јас те оставам,[мојто срце ми нарача,[да те оставам бре сама,[јас ки јодам на борбата,[сос оружје во рăце* [БВ,117-118].

оружéн adj 'дотеран, спремен' ~ *тогáс бáбата, кату гу вúде такóв приминéт, оружéн, му вели: "сúнку, тéзи дивójки нé са за тéбика; л'ý когá сáкаш тúнака л'ýба, јáзе да ти нájдам; éла по мéника!"* [V,MP,8].

оса f, zool. Vespa, в. **воса** ~ *еикна писна Асан бегот,[кај ке оставам млада анăмка,[млада анăмка дробни деца,[дробни деца клети сираци,[голи боси, како оси* [БВ,150].

осамдасé num 'сто без дваесет' ~ *и тáм дујдé·, фрóнт напрăвúа вúке, дéка-ј тó· Џумајáта, укупираа сè Бугáрто. И куту-нáс стáри осамдасé гудúшни чувéци, нéублéчни, тăкá-ј кáрăт на-фрóнто* [ПК,2(219)]; и: **осомдесéт** ~ *тел'álот фатú да вúка шејсéт хил'áди за кăштата, друг га артирúса седамдесéт хил'áди, áјде пак кăрпáчинот осомдесéт хил'áди* [V,MP,18]; односно: **осудéсет** ~ *да бéши нóгу стáра, пу мăжут уживé сéдум гудúни нáпăкун ут чúста дýша нúјна; да бéши удувúца осудéсет и читúри гудúни, шо не испáгиши уф валтáрут, дéн'а нóка а пóстиши* [MV,K,314] – во извадокот имаме проширена употреба на предлогот **уф**, се јавува наместо предлогот 'од': **не испáгиши уф валтáрут дéн'а нóка** (м. 'од олтарот'); за ова поопширно во граматичкиот дел.

óсим (< **осем** – со редукција) num 'број = десет без два' ~ *пóпут сахáтут гу им'ăш'и у ранкáта и гу гл'éндаш'и, кугá да дójди óсим* [MS,t,68]; ~ *ут тáм, н'ă закáраха у Бад'émч'ифлúк и там с'ад'ăхми пу на с'éдим, óсим м'ăјинц'а* [MS,t,2]; ~ *на гудúната стáна тéш'ка и на óсим м'ăјинци гу рудú сабáлин* [MS,t,3]; и: **осом** ~ *и кату битиса свадбата, осом дни сетне тој зема лирата му, отиде на змиината дупка, свириши три дена и три*

нóка [V,PM,198]; ~ *чиниха што чиниха, дојдоха двајсит и осом дена, хизмиќарот му вели на дјатинту: "ајди, да си појми"* [V,PM,238]; ~ *Гóспод ми помóгна... купíх на вýјко ми кáштата и на брáта ми магазúата, и úмам тýка на хáнот, што сéдјам óсом мéсици, и нúкој не можá да ми пóзнае* [V,PM,16].

осјáти* pf 1. 'сфати' ~ *тогáс зéт му му вéли на цáрјут: "ej дјáдо, товá гу чинúх, за да познáиш и да си осјáтиш, ча нá земјáта, што повéлиш, нá царчúната твója úма сиромáси и богáти, штóто сúчки плáштат еднá даванúна; штóто не трéбува такá да чúниш"* [V,PM,115]; **2.** 'почувствува, осети' ~ *árно áма Ѓýпино ọсетúл óти змéо нéма такá ḍạ-гọ-ọстáве вáа нóќ и зạтóа сạспремил* [ВГ(Мир)273]; ~ *кóạ ọạмнáлọ, деџáтạ ги-дóạт, квạ-глéда, тáạ жéнатạ, тạкá мáјкạ, кáọ мáјкạ, не-е-нéјнọ д'áте. Знáчи óнạ ọсетúлạ, мạкáр била зạ-двá трú дéн'а* [ЛС(К),110]; ~ *Тáткото кóрав бúл, ọкọрав'ál, и пọ-рạкúти ги-пóзнавал кój-е, кój нé-е... пóгол'áмиọ пóúтạр, си-мạскúрал рạкúти... и вúка: "Блạгослóв ḍạ-ми-дáјш тáткọ". Тój гọ-фáштạ зạ-рạкúти, áма м-м-м, стáриọ ọсéтал* [ЛС(К),114].

осјáчи pf 'оддели парче од нешто со помош на нож, секира и сл.' ~ *крýшата, кату крýша, кáк да врéви, и óн, кату барлúв што бéши, фатú сóс балтúата да чýка на крýшата, да га осјáчи, и, кату чýкаши, бучáши* [V,PM,125].

оскер m 'војска, аскер' ~ *имáло на нéговата цáрчина на еднó мéсто човéци, штото бéха млóго асúи: даванúна на цáрју не му дáваха двájси годúни. И млóго оскéр* (sic!) *погубú цáрјут тáму зáрди онáја даванúна* [V,PM,107] – формата **оскер** место 'аскер' не ни е позната во други случаи и мислиме дека редакторот на Зборник на Верковиќ со право зад **оскер** ставил (sic!).

ослепе pf 1. 'кога некој не може веќе да гледа' ~ *постјаха, му удри по една дамга и на двамината и мо даде за пиле млеко от бивол млеко. Го земаха и они млекото, отишли на царјут, му намазаха очите, повике ослепе* [V,PM,160]; ~ *он па му вели: : "јаз отнапрет на Стамбол, на царскиј син му ослепех и двете очи; и колко хекимции си собераха, не можјаха да го оздравјајат, и царјут сите ги заколи"* [V,PM,167]; ~ *друго рекло: "Јаз, като сă мијăше царската керка, пиках сă в лигено и ослепја, та боедин лекарин ни може да јă излекува"* [V,PM,281]; **2.** – **(са)** ~ *и на ониа дни, как и дошел царјут от кавгата, му са ослепели и двете очи: не можиши да види* [V,PM,125] – употреба на перфективниот гл. **види** во презент, наместо 'гледа'.

ослуша* pf 1. 'со органите за слух прими некои звучни сигнали'; **2.** 'прифати нечија сугестија, послуша' ~ *и на хáна úмало еднá ходајá хýбава, та л'у кój да приспú в нéа, ни осăмновал... пак тój ни ослýшјал, ами отишéл фаф ходаéта сас халáјтката да приспјăт* [V,PM,254]; и: **ослóше** ~ *И велú му змиéта на охчéре: "Побрáтиме, ја сам змúј, са бăхтахме сас адúн дрýк змúј и ми надвú, та ма сегá тук фăрли, и сам сегá отслáбнал та не мóга да хóдем, и ти са мóлем да ми донéваш катá ýтрина мл'ákуту от охцéте ... и охчéре... ослóше го"* [V,PM,261].

ослободи pf 'кога лице што било осудено, односно што било в зат-

вор ќе биде пуштено на слобода' ~ *и ви́ка: "Ти́, ви́ка, у́три са́д ќе-би́ди и-те́бе ќе-те-ọслọбо́ди фạ-ра́ọ̀ọ̀, и-ќи-ти-сло́жи на-и́сто м'а́сто, на-слу́жба, каква́ слу́жбạ и-ма́л"* [ЛС(К),112]; ~ *ко́ạ го-су́дат о́ди, го-нака́нува на-д'а́до-му да-потпи́ши, па́ да-го-ọслọбо́ди ọдбеси́лкạ, о́ти го-тури́ли уфза́твор... И то́ј потпи́шува* [ЛС(К),112].

ослободува impf, в. **ослободи** ~ *о́ти го-тури́ли уф-за́твор...И то́ј потпи́шува. Е, го-ọслọбо́дуват, си до́ва до́ма* [ЛС(К),112].

османли́ја m 'Турчин' [BV,122].

о́снува f 'преѓа што заедно со **ва́тукут** се вткајува во платното' ~ *гу прумѝнат идѝн'у кра́ј на о́снува́та на стр'ạд'а́ на крусно́ту и ут'е́гнуват о́снува ко́лко мигда́н' и́ма;* [MS,t,7]; ~ *с'е́тн'ạ о́снува́та ја бира́т алиш'и́да, ја з'е́ват ина́ ку́па* [MS,t,7].

ọсо́бено adv 'најмногу' ~ *Е ọạ, тва́ е, ви́ка, мно́гу про́стạ ọабо́тạ. Ква́ ќи-у́мри жена́тạ, по́ла све́т ọаднува́ за-ọажо́. Или ọажо́ ква́ќи-у́мри за-жена́тạ. А-ọсо́бено заọажо́ жена́тạ, о́ти ọажо́ не-мо́жи да-се-испе́ри и- така́ си-и-принадарино* [ЛС(К),120].

ọсọби́на* f 'карактеристика' ~ *за-па́рф па́т, иако направи́л н'а́кọа гр'а́шка, то́а, ọно́ạ, тр'а́ба да-му-се да́де ọроште́нка, о́ти направил една́ гр'а́шка, а́ма и́ма мно́гу до́бри ọсọби́ни* [ЛС(К),126].

Осо́јки top. 'место што не го пече сонце', орр. на **присој (Метох – Серско)**; стсл. осоиѣ [ЈИ,МИ...168].

осок m 'нуз продукт што го вградуваат пчелите кога прават пити во кои се чува мед – восок' ~ *умовитојут у дома си отиде, пак лудојут товари базирѓанското имани на базирѓанските мулинта. Иманиту и било десет товара тимјан и осок. Тоі гу занесе на висока гора, тамо беши набрал млого дарви, запали голем вогин, нетре на вогинот беши турнал тимјан и осокот* [V,PM,229] – во контекстот се забележуваат две граматички посебности, едната морфолошка (веќе спомената): проширена употреба на множинската наставка **-и** кај именки од ср. род *(млого дарви)*, втората фонетска: испуштање на иницијалното **в-** во примери од типот **осок м. 'восок'** (исто и: **олови** < волови, **ода** < вода), но забележуваме и обратен случај: **вогин** наместо 'огин'.

осомми́на num = 8 души, само за машки, односно за мешани лица ~ *и заедно́ч јуроди́са на вра́х тја́х и посе́чи от ни́х осомми́на; остана́ еди́н от деветѝна, и си фати́ сос не́гу да си бори́чка* [V,PM,21]; и: **осомтјами́на** ~ *тогас и то́ј му ве́ли: "бра́тка мо́и, ја́зе са́м ги отепа́х осомтјами́на заедно́ч"* [V,PM,22].

осраши (са) pf 'се исплаши' ~ *ре́че ч'ол'а́ка на змие́та: "Ко́пам, о́ти на ме́н адна́ ко́же о́да ни ми сти́га да пи́ем, та затова́ шта напра́вем, са́ма ода́та на коли́бата да си дохо́де"... И като́ ч'у́ змие́та, са осра́ши, и рекоха́ си два́та змѝуве...* [V,PM,262].

остава impf (в. **оста́ј**) 'дозволува' ~ *кату чух твојто име, ча си хубава, дојдох тука аф градо, си научих, ча твој ма́ж е јадлив и да не остава друг ма́ж да ти види* [V,PM,68]; ~ *татко му гу не оставиши да пои, ама тој от млого иштах, сам без таткова му изун отиде да чува, запали и тој шанданите, кату другите му братја,*

и седнал да чува [V,PM,219].

ọстáj* (и: **устáви**) pf **1.** 'стави нешто некаде, за да остане таму (на неопределено време)' ~ *е-е, кóлк úма пу-пắто зaкóпино. Ќ-ýмре, ќо:-зaкóпат, ќ-ýмре, ќо:-зaкóпат. Устaвáли пу-пắто и дéчка. Кóлк úма е-ее, нóѓино пу-пắто: зáвиј-го, óстaвго* (спомени за трагедијата на бегалците од 1913 г., кога мајките бегајќи, под налет на разјарените грчки војници, си го оставале на пат третото дете за да ги спасат двете деца што ги носеле со себе) [ПК,2(308)]; ~ *пúте aрáпино: "Дéк ќо:-нóсиш тóо дéте бáбо?" "Ќо:-нóсум нa-зaнáат до:-ýчум". "Бáбо, вúке, áк-сáкиш óставј-о: тýк, прăмéне, áс ќо:-ýчум"* [ПК,2(268)]; ~ *сéтне и-остáвил кучúн'ата. Она и-вăрзáла со синџúре јáк'и, му кладéле на-ýшите бубáк за-да-нé-мусе слýша* [ВС(Град),295] – во извадокот срекаваме неколку граматички посебности, некои од балканистички карактер; прва: проширена употреба на предлогот **на** кога упатува на внатрешност, наместо 'во' – **му кладéле на-ýшите бубáк**, втората посебност е во врска со лннеаризацијата – местото на атрибутот во постпозиција во однос на именката: **и-вăрзáла со синџúре јáк'и**; трета – проширена употреба на кратката заменска форма за дативен предмет, еднина **му** во множина наместо 'им' – **да-нé-му-се слýша** (на кучињата), **2.** 'напушти некого (односно нешто)' ~ *тогáс и женáта гу познá и му вéли: "aмáн моја дýша Кулýф, тúнака ли си тýка, штó дóјди? Ах мóја дýша, ти са мóл'а óшти еднóч да не ми остáвиш сáма!"* [V,PM,11]; ~ *дека ќ-одиш луда Кал'о,[дека ќи си оставиш Кал'о,[твојта мајка ји татко.[Ня чужда мајка и татко,[мајко и татко да викаш* [БВ,21]; ~ *Ив... па му удúраши нáзут, и му вéлиши: Јáс úмам бóрј да си крăстам ут тéб, и тú úдиш на мéн? Гуворú Ис... и ричé на нéгу: Óстави сејá, óти такá лúчи на нáс да си плáтими сéкоа прáвина* [MV,K,308]; ~ *дóр да изрéче лакăрдúјата óфцете станáле чáфк'и и летнáле. Сéтне дéтто и сéстрата остaвúле конáкăт* [ВС(Град), 295]; ~ *ја пúта дăш'тир'áму: "д'éј з'éнт'у?" – "хич' ми м'ą пúташ' тáти, óстави м'ą, на м'éн'ą идúн кóн' да ми дукáраш' и идúн кáт мýш'ка рýба"* [MS,t,29] – во солунските говори големата носовка се рефлектирала во *ă*, евентуално со назален призвук, и оттаму изненадува рефкесот **-у-** во придавката *мýш'ка*, за кој не може да се рече дека е стар дублет, ниту пак српско влијание (поради географската оддалеченост) – останува претпоставката за евентуалната лабијализација; **3.** 'даде нешто, подари' ~ *сегá са ценúх и јáзе сос нéгу да úда! и éту ми дадé дéсет хил'áди грóша напрет да ти остáвам тýка, да хрáниш тајфáта, дур да дóјда и јáзе'* [V,PM,13]; ~ *"Aj, вúка, дą-нéве ọстáвą бес-парú, јá нą-тéбе тóлку, јá нą-тéбе тóлку, дą-нé-си бесúч парú. Знájти, вúка, óти áс сăм кọмаршúą"* [ЛС(К),125]; ~ *аку Госпот рече, пак некој пăт да са видими, не знам, туку ету това пăрстен ти гу оставем. От то вечер аку останеш трудна и аку родиш мома* [V,PM,55]; ~ *мувéл'аха: "áјде бéгај от нáс! Не ти е срáм! Тóлку имáни што ти оставú тáпко ти, гу-изјáди. От главáта ти теглиш"* [V,PM,7]; **4.** 'ослободи, пушти некого, или нешто,

на слобода' ~ *тој не ги оставиши. Наj-после им рече на падарите: "закáлнети са за вашата господарка, аку ништу не ке да му чини на нашјут господар, така ки ви оставам!"* [V,PM,45]; ~ *за óра пулувúн вр'áтин', за ха óстаја да пуч'úнат óлувéту;* [MS,t,65]; ~ *хајдýтинот амáн му речé: "брáте, познáх, ча си по-јунáк от мéника и затовá ти са мóл'а: óстави ме жúв да ти кáжа, дéка са нáшите магазúи, да зéмиш злáту и срéбро, кóлку што сáкаш!"* [V,PM,21]; ~ *óстави м'ạ мǎн'ụ'и, ми м'ạ бáраш' , јас умúрам, ти сǎ газó си игráш'!* [MS,t,13] – рефлексот **а** за големата носовка во лексемата **газó** претставува само привиден исклучок од иормалната замена – во прашање е резултат од неинтензивниот изговор на неакцентираните вокали при што дошло до совпаѓање на **а** и **ǎ** (истово објаснување важи и за случајот **мажó** од наредниот контекст); **5.** 'остави жена' (= се разведе) ~ *пáк мажó и сáкаши да га зéми, зашто нејната гиздавúна не можи да си искáжи, áма тýрскиј зáкон такá кату не дáва, зашто Тýрците, когá остáват жéните си, им дáват никáхот сетни пак да си зал'ýбат...;* ~ *легнали да спет, и тја го запитала, а тој хи вревил: "На тебе што ти трјабува да знајáш?" Тја му рекла: "Ил ми кажи този даро от што је, ил шта та остáве"* [V,PM,283]; **6.** 'дозволи' ~ *дошло на осомтја дена, му вели на попот: "тате, јазе за вода ки ходам". Попот гу не оставиши. Тој не послýша на татко му, туку зема еден бардак на ранката му* [V,PM,225] – во текстот среќаваме три морфо-синтаксички посебности, прво во врска со линеаризацијата: глаголот и кратката заменска форма се одделени со негацијата: **попот гу не оставиши** (м. ...не гу оставиши), што не е обично во литературниот исказ, второ директниот објект се јавува придружен со предлогот **на: не послуша на татко му,** трето – употреба на предлогот **на** во функција на 'во' односно 'со': **зема еден бардак на ранката му** (м. ... во (со) ранката му); ~ *му вел'áт: "дéка ки úдиш, побратими, от тýка, та такá вúкаш? Не знáиш ли, ча тýка úма дéвет брáтќа хајдýци, што нé остават човéк да промúнé прúз тýка, биз да му зéмат, што úма на дисáкот?"* [V,PM,21]; ~ *от јунаците сос авџиолиа стана буковсвиец, ги фати падарите, сакаши да ги свие кату важета. Они фатиха да му са мол'ат да ги отпусни, да му остават и мулетата да пасат аф ливадите* [V,PM,45] ~ *умрентујут длаговал на три арнаути по сто гроша, и арнаутите не оставиха да гу зарǎјат, туку гу бијаха да им даде тристате гроша* [V,PM,33]; ~ *си мол'ам на тебе, царју, да ми оставиш да идам на господаро ми да му закарам тиа верисии, што му собрах от човецту, ча и он не знај, дека си нахождам, и, ако е касмет, пак можи јазе да си чинам твој зет* [V,PM,22]; **7.** 'одложи нешто да се стори во иднина' ~ *тогај зева пушката да ги отепи и двата там, дека си науми, пак вели сам: "по-харно е да оставим за утра таја работа". И остави си пушката, та си легна да спии* [V,PM,163]; **8.** изр.: **оставем ти сос здрави** (поздрав кога некој заминува) ~ *и јунáкот са благодарú от тáја рéч, извадú еднá шéнпа алтǎни, дадé на двете мáлки и на женáта и речé: "остáвем ти сос здрáви, мáјко"* [V,PM,23]; **останахме гладни** (=

немаме средства ниту за основните потреби) ~ *еден ден и рекла: "мари жену, ки ходам јазе на корбет, белке по дин кисмет излева..." И жената му вели: "да поиш, манжу, зере гледаш, останахме гладни и голи"* [V,PM,161]; **нéма такá да-го-остáве** (= ќе го казни) ~ *árно áма Ѓýптино осетúл óти змéо нéма такá да-го-остáве вáа нóќ и затóа са-спремил* [ВГ(Мир),273].

остане pf 1. 'се задржа на истото место каде што бил' ~ *царјув син просрја рáка да га фати, га фати за пашката, и остана опашката на негу* [V,PM,73]; ~ *нај-гол'ámојут на еднó село си-фáти гувидáр, да пасé сéлските гувéди, и останáл тáму* [V,PM,20] – уште еден случај на проширена употреба на множинската наставка **-и** кај именки од среден род (**сéлските гувéди**) – оваа појава има поширок размери, в. во граматичкиот дел; ~ *и така детету останалу да чува дјуќанот и, дур да дојди ахтаринот, детету и продал за неколку гроша њашту, парите ги тури аф онова кесе, што му и дал стариo* [V,PM,34]; **2.** 'заземе функција' ~ *тамошнић цáр са случи да ýмри, и останáло санот му на цáрчината. И на ониа дни úмаши кавгá сос дрýг цáр, беши собрал ојска* [V,PM,8]; **3.** 'се лиши од нешто' ~ *гу-изјáди сос побрáтимиту му и сос посестрúмките: тој останá кату прóсик гол, и фатиха свјáтот да му са смéјат* [V,PM,7]; ~ *устанáх бис скăршек динáр, устанáх гóл;* **4.** 'кога некоја состојба ќе остане непроменета' ~ *пак тјанака: "ах мале, човек има, скрихом ми земува хупките". Дувечераха, здигнаха софрата; она останала гладна, си легна сос мајка ú тјана да спии* [V,PM,34]; ~ *лисúцта а-видéла пу-дéлто ká óде. "А -бе, вéле, дéдо шó тáа лисúца путéбе óде?" – "Остај, óстај бáбо, тáа лисúца, сјáа нúа ќи-ј-дáјме аднá квáчка..."* [ПК,2(266)]; ~ *кај рекáта сéдам крáви. Ранити, дебéли, гоéни, áма пóсли ниф изл'áгали слáби, одвáј óдат, ги-из'áли на-гоéните, а-пá úсти остáнали, не-се-попрáвúли* [ЛС(К),112]; ~ *л'у отидоха прицарските конаци, Цăрнодреха си закачи за пенџирјате и ка залепена остана. Колку си мачиха да га откачат от пенџерета, не можаха* [V,PM,53]; **5.**'кога нешто нема да се потроши до крај' ~ *вуденичáрут имáл росници и-отúшла лесúцта, сăнăјăдéле су-русúци и тá шо-муостăнá си-а-нămăчкá глáвăта и си-избегá. По-пăтут когá-гу-стигнá вóлкут и-фăтú лесúцăта да-му-сеплáка на вóлкут...*[ВМ(Сар),316]; ~ *и през нăшта натоварва ги нéз мулета умр'алите и ги испусне кăде искат да идат мулетата... На нóа чув'ак са останали парите* [ВД-(Кал),316] – во контекстот имаме употреба на л-формата со значење на гл. придавка: **нéз мулета умр'алите** (м. 'умрените'); **6.** изр.: **устанá на сýу** (= кога некому нешто ќе му биде ускратено, односно нема да му успее); **остана сос имја** (= кога за некој ќе се стекне извесно сознание, односно кога некој ќе добие прекар) ~ *та тój, от што бéши сиромáх и кăрпáчин, са чинú сáтника едúн богáт: кату негу друг не имаши. Останá сóс úмја, ча брáт му от Спáмбол му дадé пáри и са чинú богáт* [V,PM,19]; **останáла чýдна** (= се загрижила) ~ *тогáс женá му му вéли: "вáрај, мăжу, товá сóн лóшу е – еднó дéте úмами, мóжи и товá*

да ни у́мри". И така жената му влезе́ на мло́гу гајл'а́ и остана́ла чу́дна [V,PM,30]; **остана́ла те́шка** (= забремснила) ~ *по дно време имало две кумшии, и двете чендо немали. От неколко време сетне Госпот на едната кумшијка ја даде, та остана тешка* [V,PM,241] – во текстот се забележуваат две посебности, едната фонетска (зачувани траги од некогашниот назален изговор: **чендо**, другата морфо-синтаксичка (натамошно упростување на падежниот систем кај заменките: употреба на кратката форма за директен објект **ја** наместо дативната 'ѝ': **на едната кумшијка ја даде;** ~ *и от мло́гуту моле́ни Го́спод до́чу не́говата мо́лба и му дадé; жената му остана́ла те́шка* [V,PM,7]; ~ *и еднош излезоха по гората сос жената му, на Бога се верно мол'аха... И пак от гората са вăрнаха и си отидоха у дома. От нус час жената му останала тешка* [V,PM,215]; односно: **останала трудна** ~ *аку Госпот рече, пак некој пăт да са видими, не знам, туку ету това пăрстен ти гу оставем. От то вечер аку останеш трудна и аку родиш мома ...* [V,PM,55]; ~ *има́ли една́ ку́чка и една́ куби́ла: ко́ските они́а ги јадо́ха. Жената му, ку́чката и куби́лата фре́т остана́ли тру́дни от ри́бата* [V,PM,144]; ~ *тја́нака му вели́: "ти́нака, си́ну, та́тку и́маш еди́н по́п, зашто́ он бе́ши дошéл еди́н де́н на гора́та да набе́ри да́рва та тога́с ми бе́ши фати́л, та от не́гу остана́х тру́дна и ти роди́х те́бека"* [V,PM,106]; **остана́л сира́к** (= му умреле родителите – двајцата или еден) ~ *едно́ врја́ме едно́ чорбаџи́јцко дја́те остана́ло сира́к от та́тко, оти́ваши на́ ско-л'о́то, са учаши кни́га* [V,PM106]; **ишта́х му оста́на** (= остана со голема желба за нешто) ~ *еди́нојут ко́рин и́маши са́л една́ смо́ква. Погул'а́мојут бра́т га изјади смо́квата, на по-ма́лкојут ишта́х му оста́на, ка́к и то́јнака не можá да не ку́си от смо́квата* [V,PM,28]; ~ *ки оста́нам ту́ка, ки ча́кам ду́р на дру́гата годи́на да си чи́нат смо́квите, и ја́зе да наку́сам о-ти́а смо́кви, о́ти ишта́х ми оста́на* [V,PM,28]; **хатар да не ти остани** (= да не се навредиш) ~ *му вели: "калитати, ти са мол'а да ми дајш твојта кубила да ида на воденица да мел'а едно кило чиница!"... – му вели на криштанлако му: "хатар да не ти остани, јазе, кубилата ми е трудна, не ти га давам"* [V,PM,94] – употреба на номинативната заменска форма **јазе** наместо општата 'мене': **јазе, кубилата ми е трудна;** ~ *ами царицата и рекла: "нека земи кривото муле да и он нека дојде с тебе, хатир да му не остане"* [V,PM,159] – во текстот одново прави впечаток линеаризацијата, имено кратката заменска форма и глаголот се разделени со негацијата: **да му не остане**; ~ *му ве́ли по́пот: "ја́зе ти са́кам да ми си цја́ниш хизмика́рин от ку́к до ку́к и хати́р да не́ ти оста́ни, ча́ на ко́го хати́р ки му оста́ни, по една́ фа́ша царву́ли от граб6́т ки са изва́ди"* [V,PM,127]; **не остана глас веке** (= се кажува кога некој продолжително и многу плаче) ~ *ами невестата на морету не остана глас веке да плачи, ала с умот си молеши на Бога, да ја откини от морету* [V,PM,166]; ич' о́стави са (= нема смисла да се зборува за тоа) ~ *нацúкува т'а́: "тра́ча́ти кумши́ји!" и*

кумши́јиту тра́чат, пи́тат: "ш'то́ ста́нахти?" "ич' о́стави са́, то́с го́стину... сму́кни иди́н ко́кал... и́ш'тиш'и да са́ уда́ви" [MS,t,38]; **не остана рент** (= немаше погоден момент) ~ *си отиде приз друг па́нт по-блишно; на мајка му и не остана рент да пита за поранките на сла́нцето, ча беши близу пу Ѓорѓу́вден* [V,PM,199] – во извадокот се забележуваат остатоци од носните гласови: *па́нт, рент;* **да не му остани севда** (= да не остане со неисполнета желба, со недоживеана љубов) ~ *после пуштил крапачино малкото дете от три дана, да земи жената му, да ја донесе на конакот, да ја види и крал'ут, да не му остани севда за неа* [V,PM,244]; **остани сос Богом** (= поздрав кога некој си заминува) ~ *тогас тојнака са чини пиле, касна на паратиро и рече на нивјастата: "остани сос Богом"* [V,PM,91]; со исто значење: **останите с здрави!** ~ *Тогај вели на домашните: "останите с здрави!" И домашните говорат на них: "сос здрави да појти! Бог да даде хајрлија касмет"* [V,PM,245]; ~ *пуглидáл дéду Гóспут, пуглидáл и си-тăргнáл: "Остани су-здráве, нивéсту!"* [BB,310]; сп.: **оставем ти сос здрави** ~ *извади́ една́ ше́нпа алта́ни, дадé на дветé ма́лки и на жената и речé: "остáвем ти сос здráви, мáјко"* [V,PM,23];.

останува impf 'следува' ~ *сега за нивјастата си карат, кој да га земи. Лалата га сака, зашто от царјут на негу останува* [V,PM,47].

остари* pf 'кога покажува знаци на старост' ~ *татко ми беши богат мло́гу та сегá запáдна: хем остарја́, хе́м жи́ви са и та́тко ми и мáјка ми, и јáзе сегá рабо́тем по шејсе́т па́ри на де́н да ги хра́ним* [V,PM,...]; ~ *тогас Гъ́рциту рекоха еди́н на друг: "є, побратими, истина Бъ́лгариту са били бодали на земјата: ету остарја, отиде, пак пита за времената"* [V,PM,179]; ~ *дурдé бéх млáт и врътјáх ка́минот да да ме́ли водини́цата, бéх хáрин, и ме зóбеа, и ме пóиха, и ме чéшеха, áма сегá остарјáх, ету ме извади́ха ту́ка на снегó* [V,PM,138].

осто́ри pf **1.** 'направи, стори' ~ *и хми ка́зал па́к: "Л'у кój замине́ прис ха́на, ко́лку харч да осто́ри, пари́ да ни зи́мат'а". И то́ј си отише́л сас халајтката на ходае́та* [V,PM,255]; ~ *и детето му са примо́лило и зарéкло, о́ти не́к да осто́ри си́н на башта́ си и да му дадé не́говите дрéхи, пак то́ј да зе́ме не́говите и са прикле́ло да омре́ та, а́ко ста́не на по́фтор, тогá да ка́жја на башта́ си, о́ти е то́ј си́н* [V,PM,257]; ~ *та от на́зикана рјáка фáтали ка́та дéн по една́ ри́ба. До две, до три уки́ дохо́ђјала. И така́ еди́н ден като́ осто́рил плу́т за ри́бата, кój да е зи́ма, и отриди́ли на цáрја да е дáват* [V,PM,255] – во крајните источни говори кај повеќесложните зборови се има развиено и вторичен акцент, т.е. зборот се јавува со 2 акцента (основен и секундарен): **на́зикáна; 2.** изр. **осто́рили лакарди́а** (= се договориле) ~ *и ќосéто осто́рили лакардúа сас башта́ си, визи́рја: кój шта зéме от незикáна мо́ми? – кój донесја жи́вата во́да. Ја ќосéто ни глéдал да са ожéни* [V,PM,257].

о́стра adj (m,f) **1.** 'нож, секира и сл. ако убаво сече' ~ *а третата, нај малката, му вели: "тате, немој гајле бериш за това туку иди, на меника да ми купиш едно хăртле*

малку и една бӑрза кубила, и една остра сабја и мӑжки дрехи: јазика на војска ке да идам!" [V,PM,71]; ~ *тјанака са ублечи сос мӑжки дрехи, са опаси сос остра сабја, вјахна на бӑрзата кубила, киниса на пӑтјут* [V,PM,71]; ~ *му р'е́чи сфа́т'ата "мло́гу о́стра но́ш' и́маш'"* [MS,t,78] – во случајот формата за женски род **остра** го покрива и машкиот, што е резултат на нефункционирањето на категоријата род во овие говори; сепак ја имаме забележано и соодветната форма за среден род: ~ *така вечерот, кату заспали кумшиите и домашните всите, тогас излезе жената дол на будрумот и зела остро нохче, да беши заколила прасинто* [V,PM,193]; **2.** 'кога некаков предмет (во случајот камен) е стеснет кон врвот со нерамнини што можат да сечат, односно да предизвикаат некаква повреда' ~ *прӑпл'ува́ла па́ пумина́ла во́дта. Чини́ла да-ј-прӑфта́се. "Бра́те, фӑрли, ре́кла се́страта, бри́чут, да-сӑ-чи́не о́стри ка́мӑјне да-нӑ-мо́ж-да-нӑ-сти́гне"* [ВГ,269] ~ *па́-ј прӑсти́гнуве, па́ пу ни́х. Фӑрле бра́то бри́чо, стана́ли ка́мне о́стри... Та́ткуто прӑви́л шо́ прӑви́л, пумина́л и ка́минто* [ПК,2(228)] – во контекстот има уште еден пример за споменатата специфичност во линеаризацијата: кога атрибутот доаѓа зад именката (**ка́мне о́стри**,...).

остpами* pf 'направи некој да се чувствува виновен, посрамотен' ~ *му ве́ли: "Мӑжу, ти́нака ти́а де́ца та́ка, ка́к ги научи́, не́кој пӑт ки ти остра́мјат, л'у от сега́ да фа́тиш да му са ка́раш"* [V,PM,25]; и: **осpаме** ~ *кажи, кажи Гоно шо му е болката?[Право да ти кажам бре мили бај Дино:[твојта ќерка Софка дали е дивојка,[дали је дивојка или е нивеста,[ако-ј дивојка бре мили бај Дино,[ако-ј дивојка наскоро ја мажи,[наскоро ја мажи да не те осраме* [БВ,48]; ~ *тогас ламјата гу пл'уна на образот и му искара капата и му вели: "ету ти а капата ти!" Тој дојде от тебика понапрет, има шес саати. Тогас тојнака си осрами* [V,PM,46] – во случајот среќаваме удвоен сигнал за посвојност: **ету ти а капата ти!**

остpамоти* pf – в. **остpами** ~ *дојдоха и царските зентјуфци до него и го питат: "дали можими да најдими тука от пиле млеко?"... и тој им рече: "по една дамга ва удривам на ганзот". И они си остpамотиха, ама што да чинат!* [V,PM,...]; ~ *тогај чобанот еднош викнал на името ланџица, и ланџицата бе излела от царската пазуха. Как виде царут, така мошне си остpамоти, дури падна на земјата, си залиса* [V,PM,176]; ~ *и ја приучова невестата му сам он, хем ја вели: "ету утри ни дојдат тука базирѓаниту. Да глендаш да не ме остpамотиш!"* [V,PM,164] – случај на употреба презент од перфективен глагол со значење на идност: **ету утри ни дојдат тука базирѓаниту** м. 'ќе ни дојдат'.

островичка f 'парче земја среде вода, остров' ~ *и тај като варвјал с тјах, стигнали ду едно гол'амо море. Всред нег имало една островичка, там сја запрјали чаплоците да починат* [V,PM,285]; ~ *и ноз ден сја забахтало морето и исфӑрлило на островичкӑтӑ толко жјувини, штото сја напӑлнило сичко на там* [V,PM,285].

ọстри́ло n 'остриот дел од секирата' [ЛС(К),95].

осу́мна pf **1.** 'кога ќе се обзори, наутро пред да се појави сонцето' ~ *васа но́шт на мрачи́ло да са́; ниту то́ј да га ви́ди, ни́ту жената не́гу, та утринта́ о́шти по зорјата да га оста́ви па́к жената са́ма. Кога́ ќи осу́мна...* [V,PM,11]; и: **осам́не** ~ *пр̆вио наре́шник му-ви́ка: "Тва́ д'а́ти да- е-зра́во и жи́во". Вто́рио ви́ка: "Сре́ќа гол'а́ма да-и́ма", а-тре́тио ви́ка: "И-на-то́а тарго́вецо да-мујади има́нито". То́ј е-чу́л. И-се́а осам́на́ло* [ЛС(К)107]; **2.** 'наутро кога ќе се пробуди' ~ *и хара́пина ни са ви́дел, што ста́нал, и ч'овја́ка си ле́гнал сас халајтката ца́рцка и осам́нали зра́ви* [V,PM,254]; ~ *и на ха́на и́мало една́ ходаја́ ху́бава, та л'у ко́ј да приспи́ в не́а, ни осам́новал... пак то́ј ни услу́шјал, ами отише́л фаф ходае́та сас халајтката да приспје́т* [V,PM,254]; ~ *це́ла но́ш не́ спа́х, така́ усамна́х* (= ноќта ја поминав без да заспијам); **3.** изр. **дуде́к на ади́н не́ му са-сте́мне на дру́к не́ му осам́нуве** (= често се случува несреќата на еден да се совпадне со среќа на друг); клетва: **да не́ усам́ниш** (= да не го дочекаш утрото, да не се пробудиш); сп. **Самну́л'ка** (= име на ѕвезда Деница) [ПК(Гар)].

осуше pf **1.**'кога растение ќе престане да вегетира' ~ *дека брала там заспала,[меѓу цвеќето,[поминало лудо младо,] крај градинчето.[– Стани, стани калеш Шијке,[доста си спала,[ќе повене калеш Шијке,[ружиното цвеќе.[– Ак повене нек се осуше,[друго ќе берам* [БВ,224]; **2.** fig. 'кога човек многу ќе заслабне, најчесто од некоја опака бо-лест' ~ *сӑ-исуши́л, ве́јка ста́нал* [ПК(Мор)].

осади* pf 'одреди казна на некој што е виновен' ~ *ви́ка: "Утри сӑдо шоки-ста́ни, те́би ќе-ти-осам́ждат на-см̆а́рт". И така́ и́сто ста́на. Де́н', два́, то́а го-пушти́а, она́а го осам́ждат* [ЛС(К),112].

о-тамо adv **1.** 'од тоа место, од местото за кое се зборува, оттаму' ~ *и те му рекоха: "ниа не можими да наситими еден јунак". И него ошти да му дадат леп оттамо* [V,PM,234]; ~ *о-тамо си зема нивјастата му, отиде на каминот и нал тамо двете му братја, дип са беха оголили, ги зема о-татак, ги занесе на татковината му* [V,PM,238]; ~ *и тој стана о-тамо, отиде, уседла белата бесна кубила. Тогас кубилата му рече: "тајл'акот остави го тука..."* [V,PM187]; **2.** 'потоа' ~ *една бозлугана ја одрива, та ја клава нетре на хурната, ја испекова. О-тамо па са варна на трите моми* [V,PM220]; ~ *и реката му стори пънт, промина. Оттамо достигна на едно место, две планини една от друга са бииха, са караха* [V,PM,199] – во текстот среќаваме уште една потврда за присуството на остатоци од назализам во овие јужни говори: **му стори пънт.**

о-там prаер 'поради таа причина' ~ *тогас мајка му му вели: "нема мајко ништо. Ден везден л'уди глендаш по сичката земја и о-там на човек ти мириса"* [V,PM,199].

отара* impf **1.** в. **отвори** (pf) ~ *и рекоха на неа: "ти, стара баба, можи да знаиш, дека си нахожда џун'а ѓузели, ти са молими, бабо, да ни кажиш, нејната врата как са отари"* [V,PM,232] – пример за употреба на номинативната наместо вокативната форма: **рекоха на неа: "ти, стара баба, можи да знаиш"**; ~ *царјут извади аскер млогу, и катарџиата, как отворил оно најмалкоту чарчаф, покри не само*

фрет аскерјут, туку и царскиут конак гу покри, ча то чарчаф, колку да сакаши катарџиата, толку гу отариши [V,PM,79]; и: **отвара** ~ *тогас старата змиа му ја даде кабачката, хем му наринџја: кога сакаш да ја отвариш, да велиш "ач асандра"* [V,PM,176]; **2.** 'кине плик од писмо' ~ *он-га-ќи́ни тва́ и пи́ши на-же́на-му: "Ква-ќи-до́јда тва́ д'а́ти што-ќи-доне́си писмо́то да-га-да́јш по́мла́дата ќе́рка..." Ква-отва́ра о́на писмо́то, то́а оно́а и-жената мо́ра, на́ли. Мажо́-и и-пи́ши така́* [ЛС(К),109]; ~ *го-да́ват писмо́то на-ба́бата, да-ка́жими, на-же́на-му, та́а го-отва́ра, а́ма о́н, и́ч, ни́ да-се-ше́гува со́с ќе́ркити, да-ка́жими, н'а́што, не́, ка́о да-не-зна́ј ни́што се-пра́ви. Ти́а че́кат да-ка́жи н'а́што, па́ ни́што* [ЛС(К),125]; **3.** 'ја отстранува врвката со која е врзана "устата" на вреќа' ~ *ти́а не-зна́ат. И ти́а ги-вра́т'ат су-се́ тва́рови. "За́што не-вра́т'ати?" "Така́ нареди ца́ро". Ти́а се-вра́тат, отва́рат чува́лити и вне́три ча́ша* [ЛС(К),113].

отат adv, в. **о-тамо 1.** ~ *отат иде лудо младо,[дури силин, дури вилин,[ка се вије, ка се крше,[куту прчка царничкова,[куту гранка миндалова* [ТГ,177] – во гевгелискиот (од каде што е контекстот), како и во другите долновардарски говори некогашното вокалното **р̥** се реализира со призвук, но Тановиќ тоа не го одбележил; сп.: **ка се крше**; исто така рефлексот од **големата носовка + р** ги предава како вокално **р: прчка (царничкова)**.

о-татак adv, в. **о-тамо 1.** ~ *и нал тамо двете му братја, дип са беха оголили, ги зема о-татак, ги занесе на татковината му* [V,PM,238]: сп. top. **Отатак Лаќата** 'од онаа страна на лаката'; сп. **лака** = место каде што врти реката (Елешница, Валовишко) [ЈИ,-МИ...,168].

отбира* impf 'прави избор' ~ *на онија дни еден цар отбираше јунаци за неговата мома, да чини брак* [V,PM,184].

о́тбра́тки pl.tt. 'на недела по свадбата младоженеците одат на гости кај родителите на невестата, таму остануваат и на ноќевање' ~ *дојди нид'а́л'ата, ги кале́са та́тку-ји на о́тбра́тки* [MS,t,15]; ~ *на четвъртокот мајка и́ за пусни две малка, да ги акалесат на отбратки. И те на пентук вечерот часот на еден за везмат едно деверче сос них, за подат на татка и́ на отбратките. И как за подат на дворот, перво за извадјат статјавата от земјата нивјастата и зентјут. Така сетне влеват у дома. Тамо, колко роднини има нивјастата, за му бакнат рѣнцата, после и колакот големојут двамата ки го разбијат на два комати, да така за седнат, да сторјат здраво-живо. Го питат зентјут как промина сос нивјатата, и нивјастата сос зентјут. Така сетне вичерат. На субота па часот на 9 сватот за собере неколко мажи и жени. За везмат л'ап, вину, јадени. За подат на нивјастинската кашта, да повидјат младиту. Друга една малка свадба са чини нос ден, часот на 12 секој на каштата му за пој. Тогај хождат побратимиту, ги зеват младиту, ги заневат на зентјувата кашта. И на обичеј конец. И на мене радост* [V,PM,251].

отве́дја pf 'допрати, однесе' ~ *и то́ј заве́дја ца́рја за рака́та, та го отве́дја при каза́н'а, и му ка́за вси́чко, о́ти то́ј гу напсо́ва, пак дру́гиа закла́ха, та на нек оста́на хала́јтката, и о́ти ре́ч'а: "Го́спот*

да ми дадé, а тó от цáрја парú ништá" [V,PM,255]; ~ *тога царо зарадуван прашил јă, што иска да хи даде? Тја му искала нова кадилук, от де тја била, осем товара алтанјă и двесте души ојскă, да ја отведат ду градо хи* [V,PM283]; ~ *та го запúтало, кадé са нахóжда вóда да пúјат. А кóсето знајáл, кадé úма. Отвéл го на едúн бонáр блúзо при пăтја. Фл'ál кóсето в бонáрја напúл са вóда, флéзло и дéтето в бонáрја, пúло и тój* [V,PM,257] – во извадокот имаме уште еден пример за нарушена конгруенција: субјектот е во машки, а предикатот, л-формата во среден род: **пúло и тój.**

отвори pf 1. 'отстрани некаква преграда, односно направи нешто да биде достапно' ~ *л'у от мăра чáс сéтника отвори си учúте и прогледнá на гори кадé дăрвото и, когá видé хáрно, дăрвото е бúло...пăлно сос драгоцени и скăпи кáмини* [V,PM,7]; ~ *пак касметјут му вели: "да идиш да земиш едно вреке и тука да дојдиш на лозету, да кладиш носите ти нетре... и да отвориш устата от вреките"* [V,PM,83]; ~ *утúшăл кум-Вóлчо: "Кума-Лúе, óтвор-ми, кума-Лúе!" "Ќи-ти-утвóрăм, кум-Вóлчо, амą-у-гóре на-тąвáнут дą-не изглéдиш!"* [БМ,203]; ~ *влезé нéтри самóс, земá кнúга, отвóри пéнџирјата, фатú горе да извáжда јурнéк схéдио* [V,PM,18]; **2.** 'со помош на клуч (во овие говори паралелно со **кл'уч** се употребува и: **отвур**) направи некаков влез да биде слободен (пр. од просторија) ' ~ *му ги наброи, и кадиата му даде кл'учовету. И тојнака ги зема, отиде, га отвори каштата, влезе натре* [V,PM,18]; ~ *тјáнака му дадé на бишкáринат сúчките кл'úчови и му речé, сúчките одаú да ги отвóри, сáмо еднá удајá да са чýва, да не га отвóри* [V,PM,116]; ~ *цетата лајат по дворовите,[колите тропат по калдрмите,[галена Рада оште не станува.[Отвори стрино шарено одајче,[покрени стрино ресено килимче* [БВ,40]; ~ *и л'у отиде слепиот на капиата му, отворил вункашната капиа, влезе нетри на дворот, та не и знаел, ча и друг човек иди после него* [V,PM,188]; ~ *излезé дóл, здигнá пот скáлата што бéши мермéрот, најдé кл'úчовиту, отворú магазúата, влезé нетри* [V,PM,18]; **3.** 'распростре, пр. постилка' ~ *царјут извади аскер млогу, и катарџиата, как отворил оно најмалкоту чарчаф, покри не само фрет аскерјут, туку и царскиут конак гу покри* [V,PM,79]; **4.** 'раскрили страници на книга' ~ *вечерта васа ноштот отвори една книга, сé си пејаши; при нивјастата не приближи, ниту ја фати сос рăнка* [V,PM,79]; **5.** 'со кинење на плик ја направи достапна содржината на некое писмо' ~ *твá д'áти ọтивájќи сéднал, л'áтно вр'áми бúло, под-еднá гóрниџа... Вúка "што-не-гọтвóрą тó-пúсмо áс"* [ЛС(2),108]; **6. отвори магазин** (= кога некој магазин (продавница) за прв пат ќе почне да работи) ~ *му дадé дéвет шéнпи алтăни и му вéли: "áди сегá, úди си пáк да отвóриш магазúите ти, да си глéдаш рабóтата здрáва и да нé вéлиш óшти еднóч, ча садé на твójта кăшта е Бóг!"* [V,PM,153]; **7.** изр.: **вујнá утвурúл** (= започнал со воени дејствија) ~ *тáтку му и мájкă му олаџáк си прăкăжувáле: "цáрут гулéма вујнá утвурúл, вójскăта а*

здрубúл; имáло ни́коа дујна́-ѓузилијка тáм, за не́а сä типáл" [ИГ,114]; со блиско значење: **огин утворија** (= припукаа) ~ *а бре браќа, браните се,[... огин ќе утвориме,[бајрак ќе развиеме,[бајрак за Македонја* [БВ,82]; **му отвори очте четри** (= го натера со големо внимание да проследи некоја работа) ~ *кату ја виде царјувото дете, падна тамо кату умрјант, проглендот. Как виде така чамурциолу, му удри една пл'асканица на царјувот син, му отвори очте четри* [V,PM,232]; **а утвурима лакäрдијата** (= почнавме разговор за нешто) ~ *сеа сакам да речам оти ут виа ангариј мадаф, чунким а утвурима лакäрдијата за ангаријта, оти ут та мадаф има и ангарија на бегут* [ME(P),74]; **ки-утво́ре ра́бо́та** (= кога се очекува нешто да земе негативен развој, пр. некоја болест) [ПК(Мор)].

отворин adj 1. 'кога внатрешноста на нешто, пр. на просторија, е достапна' ~ *пусна о-там надол питата, и тој после неа, та пак питата отиде праве на нос конак. Кату беше отворена портата, влезе и тој нетри* [V,PM,214]; ~ *сакаше да гу глатни џјало детенто: толко беши отворена устата му, штото единојут додак му беши на земјата* [V,PM,215]; ~ *да как испаднáл ут вóдата, а видé нéбито отфорéн, и Сфéти Дýх па слéзиши кату гулýб нáвраз нéгу; и глáс му дујдé ут небúн'ата: Тú си мójо сúн милослúф* [MV,K,308] – во текстот среќаваме интересна множинска форма **небúн'ата**, што секако не означува вистинска плурална форма од именката **небо**, туку се работи за извесна експресија (в. *Бл. Конески*, Граматика, с. 223); **2.** изр.: **да ви е вратата отворена** (= да имате отворен пристап до нешто) ~ *им вели: "господáри мои́, ви́а, што длагóвати на мój господáр ету тóлку грóша, мáксус за вáс сам дошéл да ми платúти, и пáк да ви е вратáта отворéна"* [V,PM,20]; **сас утворива уста** (= се кажува кога некој е крајно изненаден, непријатно) ~ *сä пукáци тój гóр'а на бр'ąстó, си јáхнува кóнч'ąту, врäтнува кл'ýч'у, си прул'éтнува утáм. И инсáну устáна сäс утвóрина ýста да хáска на гóр'ą ... вил'áха: "Гóспут' бúш'и тóс"* [MS,t,...].

отвун adv '(од)надвор' ~ *еден ден старата баба парамана излела отвун порти, да налии вода с две бардаци* [V,PM,165].

о́твур m 'метална направа за заклучување и отворање – клуч' ~ *дáј ми о́твурут ут амбáрут* [СК,-332]; ~ *о́твурто сум си-ги-зäбрäвúл* [ПК,2(82)]; ~ *кą ќи флéзе дóма, уф нéгувот двóр úма óдрина (асма), ќá: сублéче кушýл'та, ќá: зäкáче тáм нą óдринта, нä дирéкут. Ут кушýл'та о́твурто сä уф мустáќте* (во шлемот) [ИГ,114].

отвурче n, dem., в. **отвур** ~ *слези си доло јов јудајче,[земај си алтäн јортвурче,[оптвори алтäн чекмеџенце,[земај си пари небрујени* [ТГ,211] – во контекстот среќаваме именка употребена како атрибут, според турски образец: **алтäн јотвурче** (м. 'алтänско јотвурче', т.е. позлатено), нсто така: **алтäн чекмеџенце**.

Отвäдните ло́зја top. 'место со лозја што се наоѓаат на **оваа страна**' (во однос на одреден, познат објект) – с. Савек, Валовишко [ЛИ,МИ...,168].

отвäнка adv **'однадвор', в. отвун** ~ *влева нетри жената му, си заклушта нетри, са искри. Га дојде арапинот отвäнка, што да види:*

ниту алтуни има, ниту от женитѣ му подна има, сал сандукот стои тамо [V,PM,235]; и: **отвунка** ~ *изл'ала да си рашета, и тој отвунка и ч'увал, пак ја зема и побегна сос неа* [V,PM,239]; ~ *сега на патју как ке идиш, три прачка* (м. 'прăчки') *ке да најдиш: една зелена, една жăлта и трета царвена. Жăлтата и цјарвената отвунка царјуеите конаци да ги закопаш* [V,PM,275].

отвăрзă pf 'кога некој ќе ослободи нешто што било врзано (во случајот ѓаволче)' ~ *и като набрал много дарва, накупил ги на ăдно мăсто, запалил ги и утишал да отвăрзă дăволчато и да го фăрли в оганă, да изгори* [V,PM,290]; ~ *и тăј го отвăрза от дарото и го фăрли в оганă, та изгорă* [V,PM,290].

отвăрте* pf 'замавне, удри' ~ *истум зготвил, па дошал педа човек лакут брада, му пусакал малце чорбичка. Он, ка го отвартел каменут, гу удире еднош, му скапуве главата* [V,PM,271]; сп. **зăвăрти му адúн шамáр** (= удри му една шлаканица).

óтгдă adv 'откај' ~ *зелá кадăнă бардáкǫ,[măр дă ǫтúде зá јóдă[óт нéјă р'ăкă дăлéко.[ǫтгдă јă вúде Тýрчин,[и óн óтúдé пǫ нéјă* [ПсС(З),71];

отговор m 1. 'тоа што ќе го каже некој во врска со одредено прашање' ~ *и ја вели: "ох, жену, крал'у ме најдé тешка работа, да мо најда едно дете от три дана, каршилик да мо диде, отговор да му отговори"* [V,PM,244] – во извадокот имаме 2 примера за нерегуларна употреба на кратките заменски форми за директен објект во служба на датив: *и* ***ја*** *вели: "ох, жену, крал'у* ***ме*** *најдé тешка работа"* (наместо: и ѝ вели: "ох, жену, крал'у ми најдé тешка работа"; ~ *аку сакаш, да ми ожениш, требува да ми га дадеш хизмиќарката ти, та немој бериш гајле сетника за мени. Брат му, кату чу таков одговор, заедноч отиде... и гу ожени* [V,PM,86]; **2.** изр. **даде отговор** (= одговори на некое прашање) ~ *му вели царјут на сиромахут: "ej побратими, ајди да влезими дваминатa аф орману та да излезими четроица!" И на това сиромахут са куниши, ча не знаиши да даде некој отговор* [V,PM,54]; ~ *и заедноч и пуснал човек, гу зема гувидарино от гуведите и гу чини рицал, и гу кладе на конаќут да сăди. Гувидарино как си седна, не знаиши да дава отговор на некој* [V,PM,95]; – во случајот имаме употреба на множинската наставка **-и** со именка од среден род: **гу зема гувидарино от гуведи-те.**

отговара* (пишува: **отковара***) impf 'дава одговор', в. **отговори** ~ *пак мајка и наистина беши станала крава, та отговори на неа кату крава: "му! му!" Пак тја ја вели: "што, мале, така кату крава ми отковариш?"* [VPM,205]; ~ *еjди Марко, јунак Крали Марко,[јазе тебе, не та жалам,[тук ми дојде таа црна ламја,[гу прилапа нашто машко дете,[одговара јунак Крали Марко:[пусистримо ти да ја пристигниш,[да пристигниш солунската ламја,[да го најдиш мојто машко дете* [БВ,28-29].

отговори pf 1. 'даде одговор на одредено прашање' ~ *му велú гимицúата: "господúне, óшти нéма да úдими на господáро?" Отговорú тój и му велú на гимицúата: "ój*

гимнија, брáтку, óшти нé е врéме да úдéми на господáро" [V,PM,14]; *~ тогáс тójнака му отговорú на брáта му: "добрé ти најдох, брáте! Јазе отúдох, шетáх мóри и сýха зéмја"* [V,PM,14] – во илустративниот текст имаме уште еден пример за проширената употреба на множинската наставка **-и** кај именки од ср. род, сп.: **мори** место 'морија' (*шетáх мóри и сýха зéмја*), за ова в. поопширно во граматичкиот дел; *~ гу стрјáти едúн гóл човéк и му вели: "дéка úдиш такá, бе побрáтими?" И тój му отговорú: "úдам да бера верисéнта от тáја касабá тýка, што си глéда"* [V,PM,14]; *~ да фати сега татко му да го пита: "што си ти на таја жена?" Он отговори: "јазе и сам син на неа"* [V,PM,163] – во извадокот имаме описно изразување на зам. придавка 'нејзин': **јазе и сам син на неа** (м. 'јазе сам нејзин син'); **2.** 'се вклучи во разговор и понуди решение за нешто' *~ вели едната самовúла на другите: "да знај Костандин сега колај, излева отука!" Тогас една отговарја, как има колај да излези* [V,PM,228].

отгóри adv **1.** просторно: 'згора врз нешто' *~ тогас дјаволот најде врјаме, зема капако, една гол'ама плоча тури на капако и седнал отгори* [V,PM,97]; *~ и приближú при нéа, турú ухóто му аф момúн курéм отгóри и, когá чýл хáрно, нéтри аф мóмин курéм жáби удрéвиха* [V,PM,29]; *~ и тój, катó не мóжеше да е омадрú на лафувéте, са зачýди, как да направи. И бjéше врéмету зúма, и фатú адúн сн'ак, адná фортýна, и хи рéче: "Мájку, аку мóжеш да приступи тази нáш на керамúдите отгóре на кáштата, шта та ожененем"* [V,PM,264]. *~ фати хамали да носјат керпичите на корабјут, тој пак и нареваши нетре на корабјут: от долу ониа клаваши, што имали џифаири, па отгори наренди празнате керпичи* [V,PM,190]; **2.** 'упатува на издигнато, повисоко место' *~ си најде на едно место, штото имало тамо един конак голем, на един дирек стоиши, и високо много от конаку отгоре вода течаши* [V,PM,167]; *~ татку му не беши онова час дома; детету плачаши на дворут и, кату плачаши, отгори пажда един карагрош, му удри на прăстате* [V,PM,38]; *~ пák от мáра чáс сéтни са посерá тójнака отгóри. Базирґáните фатúха да вéл'ат: "охо-хо! лóпова лоповúца по дjáдова брадúчка!"* [V,PM,126]; *~ ја вели да изл'ази долу; тја не изл'ава. Собера аскер млого сос балтии, да отсекат брјастот, за да ја трокул'ат отгори, да ја везми* [V,PM,241]; **3.** временски: 'после, по извесен период' *~ пóсле мара врéме богáтиот си разбол'á тéшка бóлка, гу зафтăкна гăрло; на двájси чéтри саáта отгóри умрjá, и гу зарăха* [V,PM,14]; *~ така кумциата от јад, от кахăр, на две дни отгори падна, разбол'а си и умрја* [V,PM,70].

отдека adv 'покажува место, од каде' *~ тогас тој отиде, надјана чизмету на носите му и запкăнот на рăнците и трăгнал да брăка, слăнцето отдека угрева да гу најди, да са пита на него, как да стори* [V,PM,198]; *~ и тој му вели: "дај ти Бог добро!" Пак дјаволот му вели: "отде- ка идиш, дека хождаш!"* [V,PM,200].

отделеко adv, орр. на 'одблизу' *~ станал, отишал и тамо. Кога да виде*

отделеко, била убава кату слăнце. Ем са бајнала уф морето [V,PM,293].

отдол prаер 'под' – укажува на положба кога нешто се наоѓа пониско од нешто друго ~ *тојнака отиде да га ори и да га сеи чиница и, как ориши, отдол един камин најде един казан алтани* [V,PM,86]; ~ *крýшата, кату крý-ша, кáк да врéви, и óн, кату барлúв што бéши, фатú сóс балтúата да чýка на крýшата, да га осјáчи,... и тójнака га извадú крýшата, отдóл коринóт најдé едúн казáн алтăни* [V,PM,125]; ~ *кату проминали отдол орјахот кираши, метнували, кој гăрмуди, кој камини да трокал'ат орјахите* [V,PM,203].

отдóл adv 'здола, одоздола' ~ *от далéку как видé, јáбăлките трипáраха от слăнцету и заеднóч как промúна отдóл, прострја рăкáта му, искúна едúн дăл сóс дéсет јáбăлки* [V,PM,113].

отéмни pf 'отргне, спаси' ~ *Кулýф на нéго са искáза за сúчку, му кáза и за тáја лажá, што кáза на кадúата, и му са примóли, как да чúни, да гу отéмни от тáмо* [V,PM,12]; ~ *фатú да гу вúка: "скóру тăрчи, брáтку, да ми отéмниш от тáс душмáнка змúа, ча ки ми изјáди и мéника, и двете ми мáлки?"* [V,PM,23]; ~ *и тој тогáс фатú му казá сúчко, кáк са чúни: кáк отепá деветмúна хајдýци...и как на пăтјут отепá змиáта и отемна онаја жена сос двете мáлка на рјáката* [V,PM,23].

отéпа* pf 'убие, уништи' ~ *óн сăскójно пýс-се пу-нéго – фтáси-го, óтепи-го, пýс-се пу-дрýго– фтáс-го, óтепи-го, пýс-се пу-дрýго – фтăс-гу, óтепи-го. Бúше рăсипăл пé-шéс дéца* [ПК,2(336)]; ~ *úмам да земýвам тóлку хил'áди гróша от тúа човéци, óни ми са плáчат, ча хајдýти гу земáха имáниту... та сегá да ви кáжам, кój ги отепá, ама ми е стрáх да не стрáдам нешту* [V,PM,22]; ~ *тогáс и тój му вéли: "брáтка мóи, јáзе сăм ги отепáх осомтјамúна заеднóч"* [V,PM,22].

отéпан adj 'убиен' ~ *го-скорнáла сúн и и-тój, измóран,... застанăл, детéто тýк, Мéчо, сúн-му го-н'áма, отéпан-е* [ЛС(К),109].

отепува impf (в. **отепа**) ~ *тогас педа човек лакот брада, кату здигна топузката и фати да отепува, ниту царја остави, ниту от аскерот некој* [V,PM,80]; ~ *го-скорнáла сúн-и и-тój, измóран, фл'áгал уф-сóбата, сéднали и-сéа не-знáе кój отúшал да-и-нóси кóнито. Ква-отúшал да ги пóи, го-отепýват. На-сúно го-утепýват* [ЛС(К),109].

отsăди adv 'најпосле, назад' ~ *дунсéа дупл'áн (мамудúа), двá стамбóла (алтăјне), пăпýци, чурáпе, каврък, едúн за клајнајне, двá, за пукријувајне едúн, три... на свéкурут бухчăлăк, на свекăрвата еднóшка, на чтúри дéвире, на сúте бухчăлăци, на зóлва, на чúн му, на вýјку му, на нéгувут тéтин, на кýмут (пó-отsăди)* [ИГ,116].

оти (и: **от**) adv 'по која причина, зошто' (прашално) ~ *един увчар, гу викале Стујан, иде една ден пра селски поп и гу питал: оти ни уф един календар нема Св. Стујан? Поп-куту секуј поп му вели: Не знам оти нема Св. Стујан, ама, ако сакиш...* [ТГ,26]; ~ *Дáве... Тóо óт нé ублéкăл рýба, сáмо сă глидáл тáка, сă-пуглиднувáл. "От тáка măр кýмо лéсо сă-глéде"?* [ПК,2(233)]; ~ *пóсли дестúна, петнајс дéна, пá се-сретúли.*

Оцата му-ви́ка: "От-бе Пе́тре, така́ на̀правѝ ти? На́ли ќи-зе́миши, ви́ка, лажи́ти, ќи-до́јдиши" [ЛС(К),130].

от(и) conj 1. 'дека' (исказно) ~ *си гу кла́ди у пи́ч'ката, да ја згури́, ш'у ка́за, о́ти ја иба́ дирминџ'и́јата* [MS,t,78]; ~ *Ра́до ле Ра́до ју́бава,[...Да́ли си чу́ла, ра̀збра́ла,[от ќи тѝ те́бе јустава̀т* [ИГ,-107]; ~ *малце дунеси, ама сус се срце дунеси! От ки дунесиш цал леб, Госпуд не са свал'уве да руче или да ти рече: "Аферим? Ти најгулема пугача дунисе?"* [ТГ,220]; ~ *си кла́ј сѐс умо́, о́ти Го́спут сѐ ни нахо́ж'да* (= си помисли дека Господ не може да се сретне) [MS,s,78]; ~ *му вили́: "ја́с да т'а вра̀за ту́ка да сѐ саала́м, о́ти за м'а̀ ч'а́каш' "* [MS,t,77]; ~ *с'ѐкан-д'а̀ има́ш'и дијадо́сану (му има́ш'и пурѐнч'ину)... о́ти на кутра́ скала да по́јат, да ги ни уста́в'ат да ја́хнат на гими́јата* [MS,t,58]; **2.** 'бидејќи, затоа што' (причински) ~ *уд-Гѐрбѐше́л' уди́ме уф-Куку́ш. Пра́во вѐрве́ме низ Куку́ш, не́ уста̀на́ме... Вујни́цте пучна́а дѐ-да́ват бискуви́ти, о́т има́ли де́чка до́ма* [ПК,2(296)]; ~ *па вел'ат Фар...: Во́а чове́к не́ ј уд Бо́га, о́ти не а дрѐжи субо́тата. Дру́зи па ве́леа: Как мо́жи чове́к гре́шин такфи́и чу́дби да чи́ни?* [MV,K,259]; ~ *бра́ме мисѝрки, ги-нѐпѐлни́ле тава́нто ду-ту́ка уф-нѐтре, о́ти пусте́л'ни дѐски* [ПК2(279)]; ~ *за гуле́мјут ниша́н* (дел од ритуалот на свршувачката)... *ќи-до́ат на̀ читвѐрто́кут ве́чѐрта; о́ти диле́ко, уф на́с спа́а; сѐба́линта уф пито́кут и дѐрува́ме и си ути́даа* [ИГ,116]; ~ *"и, ми, ре́кѐл, ми за̀-ру́би ле́сно-ј, ас ќи-ј-да́м, мо́јте". Да́ве... То́о о́т не́ ублѐка́л ру́ба, са́мо сѐ-глида́л така́, сѐ-пу-глиднува́л* [ПК,2(233)].

оти́ва* impf **1.** 'оди, заминува' ~ *не хо́ждаши на бра́та му да си мо́ли ве́ки; и, де́ка оти́виши сѐ вел'аши: "имам на глава́та ми, ама не́мам на па́звата ми; и́мам у́м, а́ма не́мам па́ри"* [V,PM,13]; ~ *тога́с зе́тјут му вели́ на дја́до му: "е дја́до, сега́ зе́тјут оти́ва при нивја́стата или нивја́стата оти́ва при зе́тјут?" Тогас ца́рјут му вели́: "нивја́стата, си́нку, оти́ва при зе́тјут"* [V,PM,113]; ~ *Зарзавилата напрет и он после, отивајке, отивајке, го извади дјатенто на едно поле* [V,PM156]; ~ *удека и чула една стара баба та отива на царјувут син, му вели: "ох, синку млого си минкал за онаја мома, туку јазе да ти сторја да излези"* [V,PM,241]; **2.** fig. 'живее, се снаоѓа, поминува' ~ *вели на татка и́: "тате, јазика ке да земам сос меника и гѐлѐбот мој: да видими, как отиват сестрите ми, ки ти пусна писмо сос гѐлѐбот"* [V,PM,63]; **3.** изр. **отива напрет** (= напредува, успева) ~ *касметлиа беши големојут, понеже неговата работа га благослови Господ, отиваши напрет, и си чинил тој најбогат от сички тамошни* [V,PM,82].

отјува impf 'оди', в. **оти́ва** ~ *изл'а́ват пак, вѐрв'ат. Брои ги пак, пак ги брои – четири́есе ду́ши, изл'а́ват си, пак четѝресе души. И тој оттам отјува на тикла́та: "Ач аврам!" Отвори се тикла́та* [ВД(Кал),333]; ~ *тој отјува... Има такво, ej такова же́лезо имахме ние, токма́к го викахме. Aj тај же́лезо, на дѐрво навр'ано. Отјува – от глава на гли́ва, от глава на гла́ва – та ги истрепал* [ВД-(Кал),333].

отиде* pf 'замина, се оддалечи' ~ *тогáс тóјнака му отговорú на брáта му: "добрé ти најдох, брáте! Јазе отúдох, шетáх мóри и сýха зáмја"* [V,PM,...]; со редукција и елизија: **оjде** ~ *ни мáјка жáл'ум, ни стáри бáшта,[тýко си жáл'ум пъ̑рвото лúбе[– на вóјна óјде, óјде нé дóјде.[кóјнут му дóјде, нéго го нéма* [ИГ,108]; ~ *и сéтне попад'áта казва: "Ех, ба деверчо – казва – нашија поп го нема! От кога си оjде и нема го". – "Во-о! – казва... Убиха го харамијте!"* [ВД,(Кал),334].

откáжи pf 'кога некој ќе прекине некоја врска, ќе престане да комуницира, односно ќе престане со одредена дејност' ~ *óти с'áкоj свéтци сè сáмъ̑чини тúја, зáтоа са-свéтци, нáли. Дóбро сéа. И-Бог дозвóлил, тóј н'áма да-се-откáжи, áма сéа сáтаната ќи-го-мъ̑чи. И, пасéјќи офцúти... н'áкаква грóм, тóва, онóва и-офцúти г-изгóре* [ЛС(К),118].

откáк conj 'по завршувањето на одредено дејство' ~ *мóри Дáно, мáлкај-ле Дáно,[откáк сме се армасáли,[не сме се видéли де.[Сáмо едúн пъ̑т, мури Дáно, на бунáро* [ПК,2(335)]; ~ *дъ̑вójко мъ̑рú, изгóроле![откáк си сáла рáн босúл'ак,[не си гó видъ̑ла, вадúла,[чинú ми сä чéста планúна,[под нéго л'ýди седъ̑ха* [ПсС(З),74].

откáра pf 'однесе, допрати' ~ *тојнака праве га откара кожата на царјут. Царјут, как га виде, си зарадува млогу и му рече на авциолиа: "што му е бакшишо на това?"* [V,PM,41];~ *и кугá съ̑мна, рýкашја на синá си: "Сúну, éла ма свáли и ожení ма!" И тóј са зáч'ýди пак, штó да е прáви, амú стáна та е зимá та е откáра фаф горáта* [V,PM,264]; ~ *и пá га срéште вълко на-пъ̑то, дутéпин... и му-сă-качúла на-гъ̑рбо. "Кáч-ме на-гъ̑рбо, óткар-ме нă-тáа тýмбата. Тáм ма-изéди, на-тифирúч"* [ПК,2-(225)] – во текстот среќаваме две посебности поврзани со императивот, прво: скратени форми, без наставки – *Кáч-ме ... óткар-ме* , втората посебност е во врска со линеаризацијата: кратката заменска форма доаѓа пред заповедната глаголска форма – *Тáм* **ма-изéди**... Подолу, во материјалот сретнавме уште еден пример: *"бáре* **мă-јскáри** *нă-тá тýмбата, тáм* **мă** *јáди"*; односнава линеаризација може да се следи и во претходниот контекст (под истиот заглавен збор (**откáра**), но сепак од друг извор, што зборува за раширеноста на односнава појава: ~ *Сúну, éла* **ма свáли**. Извлекувањето на кратката заменска форма пред глаголот претставува особеност на западните македонски говори и се вклучува во "балканизмите", овде е интересно дека се јавува и во императивни форми, што е регионално ограничено; за ова в. под заглавниот збор **облéче**, односно во: "Необична иновација во долновардарските говори" (од П. Хр. Илиевски – К. Пеев, *Македонски јазик*, 34, Скопје).

откаче* pf 'отргне' ~ *л'у отидоха при царските конаци, Цъ̑рнодреха си закачи за пенџирјате и ка залепена остана. Колку си мачиха да га откачат от пенџерета, не можаха* [V,PM,53].

откине pf 1. 'со влечење оддели нешто, пр. лист или плод од гранка'; 2 'спаси некого, го ослободи од некои тешкотии' ~ *им рече: "скору мои л'уди, моја братќа, да идити гори на земјата, да најдити некој стар човек, да питати, как можити да ми откинити от тука!"*

[V,PM,63]; ~ *зивајте а риче мојта сабја риче,[сичејте ми а русата глава и јас да са уткинам,[и тогај ми а зе Михаил'чувата сабја,[али пуста сабја риче Михаил'чева,[друга рака не а утвара* [ME(P), 51] – присуството на адверсативниот сврзник **али** (во овој текст): **али пуста сабја риче Михаил'чева,[друга рака не а утвара,** претставува најсериозна потврда за тоа дека неспоменувањето на односниов сврзник од страна на П. Лавров во описот на граматичките посебности на приказните во *Lidové povídký jihomakedonské...,* не значи дека тој (сврзникот **али**), не се употребува во југоисточните говори (мислење за кое се залагаа одредени слависти; за ова в. во граматичкиот дел), бидејќи песната, односно извадокот од песната, што погоре го цитиравме е запишана имено од Лавров, при дијалектни истражувања во с. Постол, Ениџевардарско (изворот е погоре означен); ~ *ламјата са примоли на дјатенто: "молим, јуначе, отсечи а змиата да ме откиниш, и што сакаш да те дам"* [V,PM,183]; ~ *ами невестата, на морету, не остана глас веке да плачи, ала с умот си молеши на Бога, да ја откини от морету* [V,PM,166]; **3.** – **(си) а.** 'се оддели' ~ *и тјанака си разбудила, са џаскаши млогу за да си откини от негу, ама никак не можа да чини; л'у фатила да са моли на царскиј син* [V,PM,52]; **б.** 'се спаси' ~ *и така помина от мравјате, дојде на пчелите. И на них му даде метот* (не: 'медот') *40 товара, и така си откина и отиде по-нататак до карталите* [V,PM,157]; ~ *христианинот му вели: "ба!! Таја работа бива. Утри ошти зарано можи да ти донесам от детенто ми сърцето". Така сиромахот са откина нос час от увреинот* [V,PM,193]; **4.** изр. **ко́лко ки ти си откѝни от сърцето** (= колку сакаш толку ќе ми дадеш) ~ *"јазе сакам вёки да си ѝдам. Да ми дадеш хакóт, што ти работих шёс годѝна, кóлко ки ти си откѝни от сърцето, и пак, áко е кăсмéт, ки дójдам!"* [V,PM,110].

откло́ни pf 'отргне, отстрани некого, од нешто' ~ *му-вѝка на-Гóспо: "Ас мóрам да-го-откло́нам от-тéби", знáчи от–Гóспо, óн сиверýва мнóгу на-Бóга. Вѝка: "Ни́когаш не-мóжиш да-го-откло́ниш. Зáшто да-го-мăчими чов'áко!"* [ЛС-(К),118].

откл'у́ча pf 'со помош на клуч стори да може да се отвори нешто што е заклучено, пр. врата' ~ *му рекла: "Иди направи един сăндăк толек, штото да можеш внетре в нег да стоиш прав, на средăтă да кладеш едно сăрче колко једно око, извнетре да сă закл'уча и да са откл'уча"* [V,PM,280] – од гледна точка на образувањето интересна е заменската придавка **толек** (*сăндăк*) 'толкав', сп. стсл. толикъ; в. кај заглавниот збор **око**.

отко́ба conj 'откога', в. **откак** ~ *тóа чувéк óде уф-сéлто и пи́те дéка-е тóа уфчáр. И откóа му-кажýват, óн óде уф-трлото* [ВГ(Мир),273]; ~ *и́-рéкла: "Тáа жéна нé-ј тăквá жéна, тáа је-бáбата Срéда, и вáа нóќ ќă-тă-вăрше тéбе... кó ќ-óдиш дóма ќă-иј вѝкниш: "Рăшлăндѝјце мурѝ, кýќта ти-изгурé и дéцăта ти-изгурéа уф-нéа!" Откóга ќи-ј-гу-рéчиш тóа, óна ќ-избéга"* [ВГ-(П),276].

откопу́ве impf 'со копање извадува нешто од земјата што било закопано' ~ *му рéкăл: "Сѝн-му ут-*

цáрут дa-знáj шó úма пуд-вá дăрвичту – иден кăзáн лúри úма... ама не-знáе". Вó, óти му-кăжáл змúјта, разбирáл... си-утúшăл дóмă, си-зéве идна-купáчка, óде си-ј-óткoпýве тие лúрте [БМ,199] – во содржината имаме уште еден пример за посесивна употреба на предлогот **од** (*сúн-му ут-цáрут*), што во досегашната литература многу често се третираше за регионална особеност на западното наречје, односно се вбројуваше во групата диференцијални карактеристики во однос на источните говори; втора особеност што остава впечаток се нерегуларностите во конгруенцијата: *му-**кăжáл змúјта**,* или: *шó úма пуд-**вá дăрвичту**,* што многу сериозно сигнализира дека категоријата род е сериозно засегната во овие говори (поопширно за ова в. во граматичкиот дел).

открава* impf 'зема нешто кришум, што не е негово', в. **откраде** ~ *и така един ден, за да поверува и да нема шубе да не ги откраваат кату жниеше, ги вăрзуваши и снопите* [V,PM,82] – во множинската форма "**снопите**" одново срекаваме проширена употреба на наставката **-и**, кај едносложни именки што обично се јавуваат со наставката **-ови**, односно **-је** (на односната појава веќе имаме укажано и со примери од претходниот материјал). Ова го толкуваме како позајмен образец, в. поопширно во граматичкиот дел.

открáде* pf **1.** 'скришум земе нешто' (в. **открава**) ~ *тјанака му вéли: "зашто, мăжу, да не кáжа, не ги открáдох да ми е страм? Јазе казах на сичко селу, ча цáрјут на помилува, зашто бехми сиромаси"* [V,PM,32]; ~ *тојнака, кату чу така, заедноч си зави сос кепиту и си загуби заедноч от тамука; отиде пак на онаја удаја, дека бешши царјувата керка; еден вечер га откради* [V,PM,35]; **2.** 'грабне девојка (во случајот од самовилите), за да му биде жена' ~ *отиде на татко му, му вели: "тате, јазе за пода, царската мома от самовилите да ја открада, да ја зема на мене жена"* [V,PM,215].

открадне* pf в. **откраде** ~ *пак тјанака му вели: "сега, кога да е, меника ке да ми откраднат от тебика, но тинака пак да ми тераш, дур да ми најдиш!"* [V,PM,53]; ~ *на трéтиј ден гу пратили нá једнá зéмја, имáло једнá злáтна јáбăлка, штó га чýваши стрáшна лáмја, да открáдни от тáмо злáтна јáбăлка* [V,PM,113];~ *му рекоха: "ади иди, немој ти е страх! Кога протудраку ки спие, тинака да идиш от гн'аздата да открадниш гăлăбите и заедноч да побегниш!"*[V,PM,74].

открúе (се)* pf 'се покаже' ~ *"Зáшто га-открáднахти?" "Ама не га-открáднахми нúа?" И нé-га-открáднали, тój га-стáви нáли! Е тóга се открúл óти е-брáт* [ЛС(К),113].

откупи pf 'даде пари за да дојде до нешто што се продава' ~ *кату видоха така неговата дружина, сакаха кожата да га откупјат от негу, му даваха пари безброј и гу фалеха млогу, ча отепа фил'у* [V,PM,41]; ~ *и тој отиде тамо на децата, им даде десет пари, ја откупи котката, ја зема, ја занесе у дома му* [V,PM,203]; ~ *тогас, кога си куртулиса змиата* (пишува: **земната**) *от децата, и рекла, "кој тос човек, што ми откупи мене от децата? Нека дојди при мене!"* [V,PM,53].

отлак параси m 'во минатото (пред Балканските војни) од Гевгелија за

Солун се патувало со запрежни коли, таксата што требало да ја платат **кирациите** на селските пандури, доколку останале да ноќеваат покрај некоја селска чешма, се викала **отлак параси**' [ТГ,431].

отлипи (са) pf **1.** 'кога нешто што било залепено ќе се одвои'; **2.** 'се истави, се отргне' ~ *и тјанака, как гу виде, гу позна и заедноч са отлипи от пенџерата и му седна на скутот* [V,PM,53].

отлупе* pf 'извлече нешто од некаде, во случајот камен од sид' ~ *и харáпина тугá гу завéдја за ракáта и на еднó кушé фаф ходаéта отлýпил му едúн кáмен, и пот кáмен'а едúн казáн алтăн'а* [V,PM-254] – рефлексот **а** за големата носовка (*ракáта*) се должи, веќе имаме речено, на неинтензивниот изговор на неакцентираните вокали поради што разликата во артикулацијата меѓу **а** и **ă** се затемнила и така наспрема **рăка** имаме **ракáта**.

от-мáл adv 'одвај' [V,PM,551– ?] ~ *рéче адúна змúј на ч'ол'ака: "Прéтел'о, зéми кóжета та ид дóнеси вóда да пúеме!" И тój стáна та зé кóжета и от-мáл е дúгна, за дá иде на óда* [V,P-M,262].

отнапрет adv 'порано' ~ *он па му вели: "јаз отнапрет на Стамбол, на царскиј син му ослепех и двете очи; и колко хекимции си собераха, не можјаха да го оздравјајат, и царјут сите ги заколи"* [V,PM,167].

отнетри adv 'одвнатре' ~ *арапинот гу издигнал сандуко, отиде на стредја пăнтју, рече да почини, пак тас отнетри сандукот викаши: "ти видох, ти видох"* [V,PM,235].

отонат* adj 'потопен (во течност)' ~ *колите тропат по калдрмите,[галена Рада оште не станува.[Отвори стрино шарено одајче,[покрени стрино ресено килимче,[Радини очи мрежа замрежени,[Радино лице жолто поблидено,[Радино грло крф отонато* [БВ,40].

отопи pf 'направи нешто да стане мокро, натопи' ~ *кату сторили пазарлик, отиде јунакот на полету, гу припусна тајл'акот по полету, го назнои, веки вода си отопи* [V,PM,185].

оторен* adj 'кога некој простор е достапен', в. **отворин 1.** ~ *тогас и тој киниса, отиде на крајната удаја, ја отори сос онаја трја-ва, влезе нетре и, га гленда, ламјата сос оторена очи спала* [V,PM,220].

отори pf 'стори некој простор да стане достапен', в. **отвори 1.** ~ *тогас и тој киниса, отиде на крајната удаја, ја отори сос онаја трјава, влезе нетре и, га гленда, ламјата сос оторена очи спала* [V,PM,220].

отпира impf 'става нешто така да се наслонува, да биде стабилно' ~ *мајка му беши умрјала от врјаната вода, и са беши отворила устата ú зинанта устана. Ја зева лудојут, ја отпира на фтисот... зева тој едно иџе та ја клава на устата ú* [V,PM,228] – формата **фтис** 'sид' освен во југоисточните ја имаме констатирано и во југозападните егејски говори (Костурско); в. **отпри**.

отпрега* impf 'ослободува впрегнато добиче од јаремот' ~ *като спал тој, ăдно дјаволча дошло да му открадă воловăто, и, как ги отпрăгал от оралото, ч'ул го чл'ака и станал та го фатил* [V,PM,290].

отпред prаер 1.'укажува на положба откај предната страна на нешто (на некого), односно кога нешто се наоѓа напред' ~ *там, дека*

плачаши, ету стариот пак си најде отпрет негу и му вели: "што плачиш, синку, али сос кеситу и сос кепиту не можа да чиниш некоја работа?" [V,PM,35]; ~ *сакајќе от мајка му пари да му закара на даскалут, падна от неботу еден карагрош отпрет негу и от мара саат после падна друго* [V,PM,38]; ~ *тогас змиата излезе отпрет негу и му вели на татка и: "тате, што е това, што ке да чиниш? То човек да не беши, јазика беши на два мојто живот"* [V,PM-81] – во контекстот како посебност се јавува нерегуларна употреба на номинативната заменска форма (**јазика**) наместо општата ('мене'): **јазика беши на два мојто живот**; **2.** 'кога нешто се случува во присуство на некого' ~ *си́нку, ти́нака и́маш та́тку, цар је́ на земја́та... кога́ бе́х тру́дна со́с те́бика, отпре́т не́гу пра̀дна́х, и о́н си разл'ути́ и ме́ изгони́* [V,PM,154]; ~ *царју́т беши собрал собор, тога викнал, ха донесе жената и двете малки отпрет соборот. Хем му рече жената на царју́т: "царју, дали ки можиш да познаиш, кој малко е твој о-тиа двата"* [V,PM,232]; ~ *тогас сопразна винуту на езера и, кату ожјаднаха ламите, го испиха виноту, си са опиха. Тогас тој ги фати ламите, ги занесе жјуви отпрет царју́т* [V,PM,185].

от-прес prаep 'пред' ~ *и като́ са сварú се́днаха да едáт, се́дна и челове́ка сас т'ах да еде́. И змију́ве́те, като́ едјáха месо́то и кокали́те, клавахá си от-прес т'ах. И новá челове́к, като́ еде́ша и тој ме́су сас т'ах и приз рамото́ си фа̀рлеша кокáли́те, и ни остáвеша ко́кал от-прес не́к* [V,PM,262]; и: **отпреш** ~ *ни остáвеша ко́кал отпреш* [V,PM,...].

отпри pf 'затвори, потпре (врата)' ~ *и кату влезоха нивјастата и зетју́т аф удајата, зетју́т вели на нивјаста: "нивјасто затвори и отпри харно вратата! И да не си оплашиш, оти грмеш страшно ке да биди, штото земјата ки си затреси"* [V,PM,90].

о́тпуска f 'ослободување на војникот за извесно време (пр. 20 дена) од животот во касарна (обично за посета на своите), отсуство' ~ *гу-стрите́ме, а-па́ ác му-сум-бра̀тче́т на̀то́а. "У, у, здра́во ка̀л'та́та". "Здра́во". Ви́ке: "На̀-отпу́ска ќ-о́јте!" Ас дур да-му-удгувó́рам, то́а другáро ве́ле: "Отпуска"* [ПД,172].

отпусне pf 'дозволи на некого да си замине' ~ *от јунаците сос авциолиа стана букосвиец, ги фати падарите, сакаши да ги свие кату важета. Они фатиха да му са мол'ат да ги отпусни, да му остават и мулетата да пасат аф ливадите* [V,PM,45].

отпуштение (на греовите) n 'простување' ~ *домакинот поклонува три поклони, и попот земува литургиата, иисосова и псалит "достојно ест", хем раздава попот на сички по една хупка, омакана сос вино. И така са чини отпуштение* [V,PM,251] – називот е црквенословенизам.

отпушти pf 'престанува да држи нешто' ~ *е, видéл не-видéл, па̀-а-качúл кума-Лúја на̀-гàрбут, па́ а но́се, а но́се ду-дýпка̀та. Рипна́ла – му-са-скри́ла̀... пýште ни́кој-ста́п у-дýпка̀та. Фа́ти ни́кој жи́ла: "Жи́ла те́глиш кум-Во́лчо, о́тпушти ја!"* [БМ,204].

отре́ди* pf 'определи, се согласи за нешто' ~ *та от на́зика́на ря́ка*

фа́тали ка́та де́н по една́ ри́ба. До две, до три уки́ дохо́дјала. И така́ еди́н ден като́ осто́рил плу́т за ри́бата, ко́ј да е зи́ма, и отриди́ли на ца́рја да е да́ват [V,PM,255]; ~ *като излѐзла от морѐто и ни нашла корбан момѐ, разл'у́тила сѐ, та влѐзла в градо и изѐзла повѐкѐ от сто моми. От тога сѐ уплашили гражданѐто и отрѐдили закон, сѐ рѐд катѐ годинѐ да хифѐрлѐт по ѐднѐ момѐ* [V,PM,255].

отре́пе pf 'убие, уништи' ~ *на на́с ба́рчи́на и́ма еди́н дру́к зми́ју, та то́ј и́скашја да та гра́бне, пак ја́, о́ти му надви́вам и приваријх та та́ обзе́х, и сега́ то́ј ма мло́гу гарези́ и те́ра колај да ма отре́пе* [V,PM,260]; ~ *и ста́на нас ма́гла гол'а́м о́блак... и нат не́к от го́ре до́јде дру́гие о́блак и погѐрмјѐ сас о́ган, са фѐрли гро́м та па́дна та одѐри змије́та... та гу отре́па* [VPM,260]; ~ *И като́ ч'у́ змие́та, са осра́ши, и рекоха́ си два́та зми́уве еди́н на дру́к: "Тузи́ ч'ол'а́к на́с шта раси́пе. Да мѐчиме да го отре́пеме!"* [V,PM,262] – во контекстот среќаваме две посебности: прво отсуство на кратката форма на лично повратната заменка **се: да мѐчиме** м. 'да се мѐчиме' (ова не е случаен пропуст на Верковиќ, истото ние го имаме констатирано при анкетирањето на бегалци од Кукушко) и второ отсуство на удвоениот објект: **тузи́ ч'ол'а́к на́с шта раси́пе** м. '... нас шта нѐ расипе'; в. **оте́па**.

отриде́н* adj 'определен' ~ *и така́ еди́н ден като́ осто́рил плу́т за ри́бата, ко́ј да е зи́ма, и отриди́ли на ца́рја да е да́ват, за да са ни ка́рат за не́а... и като́ дошѐл се́тне ца́рцкиа́ ахчи́а, за да зе́мја отриде́ната ри́ба, и риба́рја му ка́зал: "е́то но́зика́на безарѓа́нин зе́ ри́бата"* [V,PM,255]; сп. случаи за секундарен акцент: кај повеќесложни зборови за да се избегне четворосложното акцентирање, на вториот слог од крајот се јавува нов, секундарен акцент – **но́зика́на**.

о́трина f 'времето кога почнува денот, утро' ~ *и охче́ре, като́ чу та́зи лакарди́е, осло́ше го и му однѐвашје ка́та о́трина прјасно мл'аку, и змије́та го изја́вашје* [V,PM,261].

отринта́ adv 'наутро' ~ *и ца́рја помина́л нази на́ш фаф ходае́та и отринта́, когá сѐмнало, попи́тал ханжи́ата, ко́лку му пра́ви харчта́, а пак то́ј му ка́зова: "За и́ме Бо́гово пари́ не зи́мам"* [V,PM,255]; ~ *та си ле́гнало де́тето, пак дја́дото сру́кал мра́вките, та отбра́ли се́мјатата сја́ко на башка́. И като́ ста́нало пре́с отринта́ детето, отишло́ на по́ртите, похло́пало* [V,PM,258]; ~ *отише́л отринта́ и му наси́пали на едно́ вѐрши́ло по една́ мја́ра от фрет се́мјата и го нака́рали "до у́тре ра́но ако́ мо́жеш да ги отбе́реш – ха́рно, и шта та загоби́ме"* [V,PM,258]; и: **отрина́та**: *и там приспа́ ду́р да сѐмне и си́чката на́ш ни заспа́, та ми́слеше ка́к да иде па́к отрина́та при тја́х* [V,PM,263]; – за обратната редукција на неакцентираните вокали **о < у**: *отринта́* м. 'утрината' в. кај **омре́**.

отрова f 'нешто што содржи отровни материи', в, **отровачка** ~ *по грозди време и собрала една кошничка грозди, и со една игла зарната ги дупиши и на дупките дребна отрова посипа* [V,PM,213]; ~ *момата, кату гу испрати татка и́, си вѐрна у дома, от мајчиној грозди едно зѐрно зема та хапнала, зѐрното останало на*

моминото гърло. Момата от отровата са утру, умрја [V,PM,214]; ~ *"Мале, мила ма- ле, ти стара ле мале,[...јотруј мале, јотруј, млада ми невеста"[...си је ми станала Стујанова мајка[...она си јотиде на нова пазара,[...она си купила риба ми јангула[риба ми јангула и зелен ми бардак,[и зелен ми бардак за пара јотрова* [ТГ,98].

отровачка f 'материја којашто ако влезе во организамот може да предизвика смрт', в.: **отруф** ~ *тогас жрјапчету му вели на авџиолиа: "нивјастата ки вари утри един казан мл'аку; аф-мл'акуту ке да тури отровачка, за да утруи царја. Царјут тебика сака напрет да тури аф казанот!"* [V,PM,47]; ~ *кату чу́ха така́ сестрите и, от ја́д ки пу́кнеа, па́к собра́ха една́ ко́шничка гро́зди, му тури́ха о́тровачка и кини́саа да те́рат Ангели́на: са́каха да га на́јдат да га погу́бјат* [V,PM,47].

отроди pf 'кога некој ќе помогне во раѓањето на бебе, т.е. ќе породи трудница' (во минатото тоа го правеле приучени баби) ~ *други баби докарали, царицата да куртулисат, дури веки на онаја земја баба не остана... Тогас царјут са чудиши, как да стори, та и пуснал л'уди на друга царчина, баби да тера, да отродјат неговата царица* [V,PM,275]; ~ *и кату останала трудна, ја не имаши от радост. Али дошло времја за да роди. Първо викнали две стари баби, за да ја отродат. Царицата, от многу болки, дојде дури на крај умирало* [V,PM,275] – уште една потврда, меѓу многуте други, дека во Долновардарско се употребува сврзникот **али** со адверсативно значење: **али дошло времја за да роди** (= но дојде време да се породи), за ова в. во граматичкиот дел.

отрује (са) pf 'кога некој ќе голтне отров и ќе умре' ~ *ки те питам, чедо, питам ем распитам:["Дали ти је мила младата нивеста?"["Мале, мила, мале, ти стара ле мале[ного ми је мила в'срце ми је флегла!"["Стујане, Стујане, ти сино на мајка,[дај ми изин сино, мајка да с'утрује"["Мале, мила мале, ти стара ле мале,[ти што к'са јотрујиш, мила стара мале,[јотруј ма- ле, јотруј, млада ми невеста"* [ТГ,98].

отруф m, 1.'материја што содржи отровни состојки', в. **отровачка; 2.** изр.: **заи́р па́лно, о́труф** (= состојба на преголема нечовечност) ~ *па́ идни-вујни́ци и́мше та́м сус-на́с. Тие та-опиту́ва́т шо́ ра́бо́тте, шо пруизво́д си-изва́ќте – 'на́чи ступа́нцки ра́бо́ти на пи́та́т. А, во́ ку́че са́мо заи́р па́лно, о́труф* [БМ,193]– (турцизмот **заир** го објаснува со нашиот збор **отров**); **са-па́лнум са́мо о́трува** (= трпам навреди, имам големи грижи) ~ *дуде́ка би́ше мале́чка и́мах а́рин живо́т, ут-ка́ пура́сна́ са-па́лнум са́мо о́трува* (или: *гу́ѓува*) [ПК-(Грам)].

отсекова (си) impf, в. **отсечува** ~ *дошла една котка, едната јарибица ја зема о-тамо. Виде жената. ча останала сал едната јарибица, са беши оплашила... си отсекова едната и́ биска; ја кладе на тенџерот* [V,PM,155].

отсе́че pf 1. 'со помошта на остар предмет, пр. со нож, оддели едно нешто од друго, односно направи нешто на парчиња' ~ *и змиата му вели: "ти са мол'а, јуначе, отсечи ја ламјата на две комаџја да ја приглитнам, ча џјала не мога да ја глътнам, да сетне јазе знам што да ти дам"* [V,PM,184]; ~ *и тја му каза: "е,*

џанам манжу, едната јарбица ми ја откраде котката, та ми беше страх от тебе, да не ми се караш; отсекох едната ми биска, та ја готвих" [V,PM,240]; ~ *ја вели да изл'ази долу; тја не изл'ава. Собера аскер млого сос балтии, да отсекат брјастот, за да ја трокул'ат отгори, да ја везми* [V,PM,241] – забележливо присуство на нерегуларна употреба на кратките заменки: формата за прав предмет **ја** наместо дативната 'ѝ': **ја вели да изл'ази**; **2.** 'убие, уништи' ~ *му вели: "далеко от мене! Јазе на татко ми сам ке си ида и сос спанјо човек не си збрăкам. Далеко, далеко! Зашто ки извадим сабјата, ки ти отсечјам кату диавол"* [V,PM,155]; ~ *Стójко си сáбл'а извади,[на-пáша глáва-j отсéче,[прăснáли свáтове да бéгат* [ПК,2(236)]; **3.** 'прекине со давање нешто, пр. јадење, помош' ~ *тој утрината и порăнчел на перетите да му доневат за двамина таин* (= јадење, порција). *Дошло време, царјувот син отиде на кавгата и порăнчел, таин да заневат на удајата му... Кату чули, ча царјувут син гу оклаваха на кавгата, фатиха, му отсекоха таинот, не гу заневали* [V,PM,234]; **4.** изр.: **отсекат папучлук** (= кога родителите на девојката и на младоженецот пред свадбата се договорат какви и колку дарови ќе донесе невестата во новиот дом) ~ *преде една нидјал'а или еден месјац за пуснат хабар за бракот да си чинат хазир. Тогај една нидел'а напрет папучлук за отсекат* [V,PM,246].

отсечува* impf, в. **отсече** ~ *мо вели: "јазе не сакам покрај мене ти да приближиш, зашто сега извăждам остра сабја, да ти отсечувам главата"* [V,PM,155].

отслабне* pf 'кога некој ќе стане немоќен, слаб' ~ *и охчéре отúде. И велú му змиéта на охчéре: "Побрáтиме, ја сам змúј, са бăхтахме сас адúн друк змúј и ми надвú, та ма сегá тук фăрли, и сам сегá отслáбнал та не мóга да хóдем"* [V,PM,261].

отстрешта adv 'отспротива' ~ *са чудиха, што да сторјат там. Дека са чудиха, ету најмалко- то дете иди отстрешта* [V,PM,231].

отстăпе* pf 'се повлече' ~ *пак блúзу-е грáдут, мóж дă-дójде вójскăта и мóрăше дă-отстăпăт. Вăндо су-чéтта утидé уф-Пájăк плăнúна* [ВЕв,299]; ~ *фронтот гу скинаја, Турците напредаја,[ногу исир фатија и ногу убити паднаја,[назад не отстапија, назад на кај Измир* [БВ,171]; ~ *осум души отстапија,[седум души там паднаја,[си паднаја и умреја,[за чувечки правдини* [БВ,101].

ọттáм adv, в. **оттаму** ~ *дăвójко мăрú, изгóрọлє![ọткáк си сăла рáн бọсил'áк,[... чинú ми сă чéстạ плạнúна,[пọд нéгọ л'ýди седăхạ,[л'ýди седăхạ, óфци плạднăхạ,[ọттáм пọмúна лýд гидúја* [ПсС(З),-74]; ~ *изл'áват пак, вăрв'ат. Брои ги пак, пак ги брои – четирúесе дýши, изл'áват си, пак четúресе дýши. И тој оттам отјува на тиклăта: "Ач аврáм!" Отвори се тиклăта* [ВД(Кал),333]; и: **о-там** ~ *и ошти еден ден отидоха и дојдеха меѓу две пантиштја: сиромахот да си раздели каде касабата, и калугеро о-там нагоре* [V,PM,...].

оттаму adv **1.** 'од тоа место' ~ *оттаму детето отиде на еден град, там дека беши царјувата столнина. Кату немаши пари, што да чини, отиде на еден ахтарин* [V-

РМ,34]; ~ *и тамо в царскио двор имаши една штерна, што наливаха вода оттамо царските л'уди* [V-,РМ,156]; ~ *"Далеко, далеко! Зашто ки извадим сабјата, ки ти отсечјам кату диавол". Тогај он си махна оттамо, и дјатенто ходиши право на пунтот* [V,РМ,155] – присуството на рефлексот **-у-** за големата носовка (со назален призвук:**-ун-**) во лексемата **пунтот** претставува реткост, за разлика од некои други примери, како **субота** (сп.: **велика субота**), што може да се третираат за црквенословенизми, овде останува да се помисли на лабијализација; за другите случаи со зачувани траги од назализам укажуваме на соодветните места; **2.** 'потоа' (за време) ~ *оттáмо пáк човéкот фати́ да са мóли на змúата и да вéли: "амáн змúју, ти са мóл'а, óшти на еднó нéшто да са пúтами, та сéтни да ми изјáдиш!"* [V,РМ,139]; ~ *оттамо дојде на едно место, најде една рјака, штото млого силно вăрвјаши, и нејната вода проминаши от стредја от морету и са не збрăковаши сос мурету* [V,РМ,155]; ~ *от-тáмо кáк побегнáл, óн отúде аф еднá гóра нéтри; тáмо најдé еднá стрáшна змúа, са мăчаши да изјáди едúн élин* [V,РМ,111]; **3.** 'тогаш' (од тогаш) ~ *от една нидјал'а отидоха на царквата да го крастјат, му закачи на попот за брадата; оттам ошти го познаха, ча јунак за стани* [V,РМ,215].

Отта́тăшното вăрши́ло top. '**вăрши́ло** (=гумно) што се наоѓа на **оваа страна**' (с. Черешово, Драмско) [ЈИ-,МИ...,168].

от-толко conj 'иако' ~ *тогај тја отиде на брата и му каза. Утрината, от-толко зенгинин, што беши зентјут, познаха писмото, му земаха сичкото имани... гу тури гăски да му паси* [V,РМ,198].

отту́ка adv 'од ова место' ~ *тогај дјатенто тури на вогин от карталите мишјано, и дојде илчиа от них и му вели: "да му кажиш на карталите тас зготвиш тос вечјар да си махни оттука!"* [V,РМ-,158]; ~ *ка-ќи-сл'азити по-мéни и ќи-вúкати: "Тéрами да-јáдими чо-в'áшко мéсо!" , áс ќи-ви-вúкам: "Мáри отту́ка, смúрити-сти!" И дóбро* [ЛС(К),118]; и: **о-тука** ~ *и тој вели: "скоро златното пиле да ми го најдиш, чја побегна о-тука!" Ја картал'ут еднош как си пусна и, тука и таму, го најде пиленто, му го даде* [V,РМ,173]; во употреба е и скратената форма **оттук** ~ *"мајка ти така фтјала. Ету таја пита оттук надолу за ја пусна, и ти да поиш по неа: дека питата за пои, тамо ти е касметјут"* [V,РМ,213].

отту́ка-отта́мо adv 'ваму-таму' ~ *фати́ да га вéли: "óх, мúлата ми сéстра, от когá ти не ви́дох, áма сегá кáк са чини́ вéки цари́ца, не сáкаш да знáиш за нáс!" Отту́ка-оттáмо га земá, гá бóдна сóс еднá губéрна úглá, га утепá, га зарú нéтри аф цáрјувата бахчá* [V,РМ134]; ~ *тогас тја влева нетри на удајата, дека беши царјувото дете, фатиха двата да играјат, оттука о-тамо, момата сос млого џилвента гу умира детенто* [V,РМ-,209]; ~ *вечерот, кату и дошел крив самовил у дома му, момата оттук о-там гу замај муди ја каза, ча сос едно кокалче гу одави попова сина* [V,РМ,226]; ~ *дојдé редó да рóди цáрјувата жéна, га викнáа бáбата. На бáбата га фтекнá, земá еднó мáчле и еднó кýтле, та такá отúде оттýка, оттáмо*

[V,PM,141] – во текстот среќаваме нерегуларна употреба на кратката заменска форма за директен објект **га**, наместо очекуваната дативна форма 'ѝ' (: **на бáбата га фтекнá**), такви нерегуларности во "падежниот систем" кај заменките имаме регистрирано повеќе и тие се одбележани на соодветните места.

отуртиса pf 'се намести, седна' [V,PM,375].

отфăрли* pf 'отстрани, испушти' ~ *(гласот) в гу отфăрлăт нă зăфатукут нă лăкăрдијата:* **ода** *м. 'вода',* **ол** *м. 'вол',* **отта** *м. 'воата'* [ME(P)].

от-што conj **1.** 'иако' ~ *та тój, от што бéши сиромáх и кăрпáчин, са чинú сéтника едúн богáт: кату негу друг не имаши* [V,PM,19]; **2.** 'бидејќи, затоа што' ~ *"Е, ако ме слушиш, гледаш, јазе остарјах, не мога да работја и, отшто ми ареса твојут ум, ти вел'ам: да везмиш тес двете магарини"* [V,PM,180] – прави впечаток множинската форма **магарини** во која имаме комбинација од наставките **-ња**, во овие говори **-ина**, (од именките од ср. род) + **-и** (од повеќесложните именки од м. и ж. род); во истиот текст (што го ексцерпираме) има и случаи само со наставката **-и**: *на магари-ти* (за ова проширена употреба на наставката **-и** в. во граматичкиот дел); ~ *тójнака му велú "ефéндим" – на кадúата – "јáзе úмам еднá свúрка, сос онáја засвирнáх. Отшто му са вúде на нúх и на добúците кајдúата ми хáрна, фатúха сúчки да úграт. Сéтни јáзе што кабаáт úмам?"* [V,PM,127].

оќ m 'воиште на кола кога влечат 2 коња' [ПК,2(82)].

оќорáви* pf 'ослепи' ~ *пóмáлкиа тáткото пó го-милувáл. А тóа ловúјата ракúти му-бúли грáпави óт рабóта. Тáткото кóрав бúл, оќорав'ál, и по-ракúти ги- пóзнавал кój е, кój нé-е* [ЛС(К),114].

офицéр m 'тој што има чин во војската, командир' ~ *твá д'áти ква напредnáло мнóгу, и-кóга го-лупнáл фараóн у-зáтвор, у-úстиа зáтвор, у-úста одајá, да-кáжими и-дрýги н'á-кој офицéри, единjо бúл генерáл* [ЛС(К),111].

óфтика f 'болест на белите дробови, туберкулоза' ~ *лóша бóлис бúше; уд-óфтика-j фáтин* [ПК,2(82)].

офтикилiáф adj 'човек што боледува од туберкулоза' [ПК,2(82)].

офца* f, zool., Ovis aries **1.**'домашно животно од кое се добива млеко, волна и месо' ~ *пујнó вр'ăм'а идúн туџ'árин, жúвини ш'ту бир'é, кóзи, óфци, крáви, óјди на инó сéлу* [MS,t,15]; ~ *едно времја един човек на едно село си фати чобан, да паси овци. Имал и негова неколко овци; имал жена лоша много и две дивојки харни* [V,PM,169]; ~ *и тамáм отúшла óфцта уфтăрлуто, лéгне уф-срéт óфци, сăскрúла ф-тăрлуто. И-вăлко: "Пăтúло, пăтúло, дójци јáгнито"* [ПК,2(224)]; и: **охца** ~ *велú му змиéта на охчéре: "Побрáтиме, ја сам змúј, са бăхтахме сас адúн друк змúј и ми надвú, та ма сегá тук фăрли, и сам сегá отслáбнал та не мóга да хóдем, и ти са мóлем да ми донéваш катá ýтрина мл'áкуту от охцéте прјáсно"* [V,PM,261] – прави впечаток линеаризацијата: атрибутот доаѓа по именката (балканистичка посебност): **мл'áкуту от охцéте прјáсно** (независно што именката и придавката не се во непосреден контакт); **2.** изр.: **óфцити загубéни** (= библиски израз, се однесува на оние што ја

изгубиле "вистинската вера") ~ *и Учени́ците си до́шле кри не́го, распи́таа на не́го, е́м гу ве́леа: А пу́шти а на не́а, о́ти сѐ ви́ка пу на́с. Ис... гуворѝ, да ричѐ: Не́ сам дуjде́н за дру́го ни́што, туку́ пу о́фцити загубе́ни на Из...ка зе́мн'а* [MV,K,272] – во контекстот има уште една потврда дека во југоисточните говори кратките заменски форми за прав и неправ предмет се мешаат: употреба на кратката заменка за акузатив **го** наместо дативната 'му': **распи́таа на не́го, е́м гу ве́леа**.

офч'арина m 'човек што пасе овци' ~ *мjа́саше кат ó ч'ол'а́к, и очи́те му бjа́ха мло́го гол'ами и све́теха като́ о́ган. И са опла́ши офч'арина та са вѫ́рна да бjа́га. И но́зи́ бjе́ше змѝj, и си ди́гна змѝе очи́те каде́ охче́ре та го ро́кна* [V,PM,261].

о̀фча́рка f 'жена која што пасе овци' [ЛС(К),96].

офча́рски* adj 'нешто што се однесува на **овчар**' ~ *а́рно а́ма то́а би́ло но́го л'у́то* (пишува: **лу́то**) *и си́те офчáрски кучи́н'а са̀-разбега́ле. Околу срет-но́к ме́чката и́де. Офчáрските кучи́н'а са̀-разбе́гават, а мале́чкото ку́че и́-се-фрли́ло на̀-вра́то на̀-ме́чката* [ВГ(Мир),273].

о́фчка* f, zool., dem. од **офца** ~ *бе́го ги-да́ве ни́фте, ги-да́ве ни́вите на сjурмáси. Сjурмáси рабо́тат... Кój с-и́мше о́фчки, кój с-и́мше гуве́да* [ПК,2(251)].

о́фч'ку ма́слу n 'масло добиено од овчко млеко, се користи како мрснотѝја кога се приготвува јадење, но исто така се јаде и само со леб' [MS,s,77]; во записот што следува (од с. Зарово), имаме зачувани траги од носовката од преден ред: **о́фчѫ̀ ме́нцѫ̀ [ПсС(З),68]**.

ох interj 'искажува чувство на болка, односно на немоќ' ~ *тогас му вел'ат сватовиту на просикот: "ох, зентjу, дека за поими сос змиата! Царjут за на спанди"* [VPM,198]; ~ *ка́ излéгăл то́ чувéк уд-буна́ро: "é, што́ ба́бо, за-што́ пи́тиш!" – "Не́ бре си́но, с-умури́х, о́х ричéх"* [ПК,2(255)]; ~ *кату чу така цáрjут, си разл'ути мло́гу и заедно́ч са ска́за за цáр. Ох, а́м дéка отиде онова́ рáдос от они́а мо́ми? Они фати́ха да пла́чат, ча ги бе́ши стрáх, цáрjут да не ги расѝпи* [V,PM,10]; ~ *го́лоjут му вели: "ох бра́тку, не са дале́ку; ету ту́ка осáм таjа плани́на са, л'у ти са мо́л'а, вѫ́рни са насáм, бари ти́нака да не па́тиш ни́што, зашто́ о́ни са ло́ши човéци, да не ти оте́пат"* [V,PM,21]; и: **оф** ~ *Димка ја палак, ја најдек.[Димка е мома за мене.[Викнала Димка да плаче: Оф леле Боже до Бога,[ах што ми било писано,[турцка робинка да станам* [БВ,59]; ~ *Рáтка си-влéгла грăди́нка,[сéкăкфо цфéке дă-бéре,[оф-оф, Рáтко бре, [у́мир, зăги́нăм зă-тéбе* [Д-К,159]– уште еден пример за употреба на додаток за место без предлог: **си-влéгла грăди́нка** (м. '... во **грăди́нка**').

о́ха-о́ха interj 'извик со кој се тераат воловите кога се ора'; уште: **го́ре-до́лу, бра́зда** [ПК,2(82)].

ох-ох-ом interj (извик за пријатно чувство) ~ *м'éч'ката сă курди́сува да jад'é кадăнфатм'ą. "Ох-ох-ом, бла́гу Тартано́хч'ą"* [MS,t,54]; исто така: **о-хо-хо** ~ *пáк от мăра ча́с сéтни са посерá то́jнака отго́ри. Базирґа́ните фати́ха да вéл'ат: "о-хо-хо! ло́пова лопови́ца по дjа́дова брадѝчка!"* [V,PM,126]; ~ *"Охохохохо?"* 'извик што се слуша кога играат русалиите' — за **русалиите** (нивната игра е специјална, се игра главно во Долновардарско, се

надоврзува на божи́ќните празници), в. кај односна заглавна единица). Сп. илустрација: пред да почнат со играта водачот малку ќе истрча, и сите други по него, и откако ќе ги вкрстат ножевите и ги удрат така за да се слушне звук *ќи са продвикнат: "Охохохоххо?"* [ТГ,224]; ~ *млого зорт му дојде, са пика отгори наврах базирґаните. И базирґаните фатиха да вел'ат: "охо хо...о хохо! От Бога топла росица дојде". Лудојут му вели на брата му: "брате, ме добол'а рамото, за си пусна вратеното и пресленот"* [V,PM,...].

óхи part 'доколку стои пред глагол дава одречна смисла на целата реченица - грц.' ~ *ни мо́ж'и да сă ступли́ биле́, óхи да сă сфа́ри* [MS,s,77]; ~ *фа́т'ạха да сă см'ắјат вали́ту и паш'а́та "хи́ч' бака́ру* (сад, котле од бакар) *на т'ạп'ắту, сф'ạш'та́ на курин'о́, ни мо́ж' да сă ступли́ биле́, óхи да сă сфар"* [MS,t,55]; ~ *"за пулуви́н саа́т' тра́гнува пампо́р'ут за у А мерики́!" нив'ắстата фа́ти да пла́ч'и: "ми хо́ж'даш'!" "óхи! за по́да!"* [MS,t,84]; ~ *"óхи! ха ни з'е́вам, на т'е́б'ạ н'е́ка-сă!"* [MS,t,83].

óхке impf 'кога некој со стенкање искажува болка' ~ *и ва́лко ă-стигна́л и а́ дă-сă-фа́рле врӑз-не́, а óна фа́ти́ла дă-óхке и жа́лно дă пла́че: "о-о-ле́ле гла́вичка, о-о-ле́ле гла́вичка"* [ВД(Пат),286]; и: **охка** ~ *та: ка́ша си-нама́жува нă-гла́вăта, а нă-то́ă па́шкăта му-скина́л, нă-ва́лко. Сă-нăјде́ле на́пкун па́к, та: óхка, гла́вăта, мо́зуко и истиче́л* [ПД,157].

óхтика f 'болест туберкулоза' [СК-332]; и: **óфтика** ~ *ло́ша бо́лис би́ше; (и о́н) уд-о́фтика-ј фа́тин* [ПК,2(82)].

охчер* m 'човек што пасе овци', в **офч'арина** ~ *мја́сашје като́ ч'ол'а́к, и очи́те му бја́ха мло́го гол'ами и све́теха като́ о́ган. И но́зи́ бје́ше зми́ј, и си ди́гна зми́е очи́те каде́ охче́ре та го ро́кна* [V,PM,261]; ~ *и охче́ре оти́де. И вели́ му змие́та на охче́ре: "Побра́тиме, ја сам зми́ј, са бắхтахме сас ади́н дру́к зми́ј и ми надви́, та ма сега́ тук фắрли"* [V,PM,261]; и: **офчáр** ~ *ја-сạм офча́р а́рин, а́рин офча́р ду́ша- та-м са́м дава́л за о́фцити. Измика́рут па́, и то́ шо не́ ј ализ офча́р, шо не́ са о́фцити не́гуви, а гле́да ва́лкут шо си и́ди на о́фцити, и а уста́ва о́фцити, да бе́га* [MV,K,311]; ~ *таму си го најде,[таму да му плати,[никого при него,[саде један овчар,[на овчар се моли,[аман, заман овчар,[подај ми раката,[од вода д'излезам* [БВ,16].

охăлен* adj 'растревожен, засрамен' ~ *поплакоха и двамината, и така си разделиха един на друг, и си отиде царут нататак. Сиромашката мома останала охăлена при татко и* [V,PM,34] (– сп. проширена употреба на предлогот **на** наместо 'од': **си разделиха един на друг**); и: **охилен** ~ *ја лалата от много јадови, што имал на Ил'а, му и дал една јаспра дар. И тој го зема дарот, го и врăзал на вракозунјут и си отиде на дома му охилен* [V,PM,171].

оцéј* (< отсее) pf 'исчисти жито или брашно од нечистотии со помош на решето или сито' ~ *утринта́ саба́лин за ста́на, за о́ција с'ắм'ạнту да́-ј ч'и́сту, за гу кла́да у вр'ắтиш'тắт'ạ* [MS,t,66] – пример за присуството на двоен акцент во периферните источни говори: **вр'ắтиш'тắт'ạ**.

Оцре́шту top. 'место, ниви што се

наоѓаат наспротива од с. Куманич (Драмско)'. Ј. Иванов наведува дека се работи за фонетска промена од **Отсрешту** (ц < тс), наведувајќи го уште и примерот **опутре** (< отсутре) 'наутро' [ЈИ,МИ...,168].

очаен adj 'натажен, во очај' ~ *од врх Пирин Планина,[очаен глас се чује,[Македонија плаче,[Европа цела беснее,[Англичани и Немци,[Италијани и Френци,[сакат да нѐ поробат* [БВ,151]; сп. **охалѐн**.

очѐклен* adj 'со отворени очи', в. **ококóрен** ~ *кóн'у му вѐли: "нѐмој ти е стрáх! Зѐми двѐ лáтки и вјáхни ми, и, когá ки и́дими нá жи́вати вóда, тáму и́ма стрáшни самови́ли, га чуват водáта, и, ако и́мат о́чите очѐклини, тóгас спи́ат"* [V,PM,113].

очеши (са) pf 'ја среди косата со помош на чешел' ~ *утрината, кату стана момчету от халиштету, са уму, са очеши, рече на мајка му: "мале, дај ми мара л'ап да јам"* [V,PM,87].

очи (са)* pf 'се види, се забележи' (?) ~ *и тојнака отиде, зема девет олски мрăша, ги враза ysад кон'а сос девет чингел'а... Тамунака как гу виде ламјата, излезе, сакаши да гу изјади... И кату са очиха ysат кон'ут олските мрăша, фати да јаде и си закачи за деветја и́ глави сос деветја чингели* [V,PM,78].

очикувачка f 'надеж, очекување' ~ *ув пăлна очикувачка оти сѐ е ка шо трибува ув селту и оти за сѐ сă криви силјајнто, бејзте најповикјă зăрди менăтă на живечкăтă и погулеми арџуве сѐ повикјă и повикјă и răсипувăт, газăт напрежните тукмечки и и ближăт селтă ду турвајне* [МЕ(Р), 86].

очубо́л' m 'болест на очите' ~ *дѐтто о-фати́ очубо́л', ка́ му са-залипи́ли о́чте, ка́ му-пуџăрвинѐли, сăлsи мутѐчат, нă-мо́ш да-пугле́дне* [ПК,2-(82)].

о́ца m 'духовник муслимански' ~ *и́маше а́дно ту́рско се́ло: испадна́ о́мата* [BV,120]; и: **уџа́** ~ *идну- кумши́а нă-Нăстрắди́н уџа́ до́шăл дă-му-гупуса́ка мăга́рито... о́мата му-ре́кал дéка мăга́рто не́-е до́ма. А дудéка о́ни мăбити́ле мăга́рто сă-рăзрика́ло* [ДК,155].

о́пак m 1. 'направа во куќата низ која излегува димот, димник' ~ *о́де дă-гу-пáла. И о́де у-испул'ýва уд-уџа́кут – дéуто си сéде нă-о́гăнут* [ДК,117]; 2. 'огниште' [BV,120]; 3. 'просторија во која се наоѓа огништето' [BS,120](?).

о́ш'ти adv 1. 'кога нешто е присутно, изразено и продолжува да трае' ~ *ни́ă о́диме ус-зо́лвата, о́на о́ште би́ше мо́ма* [ПК,2(251)]; ~ *и вил'а́т: "фа́т'ąхми то́лкус ду́ш'а, ала́ иди́н ч'ув'ăк, ка́к ја ви́д'ą фо́тографи́јата, фа́ти да пла́ч'и и о́ш'ти пла́ч'и"* [MS,t,25]; ~ *му вили́ на н'е́гу: "по́т' ма́јч'ин-ти!...ч'ą з'е́нт'у спи́ о́ш'ти; ка́к да гу разбуди́ми?"* [MS,t,17]; ~ *и на А ле́ксандрус с'е́стрит'ăму д'е́н' и н'е́са о́ш'ти ж'и́ви сă* [MS,t,-61];~ *вил'а́т паш'а́та и вали́ту "о́ш'ти н'е́ма за ни дад'е́ш' дај-д'е́ми?" "Н'ăј варе́на ма́нџ'ата о́ш'ти!"* [MS,t,55]; 2. 'нешто во поголема мера' **(о́ш'ч'и)** ~ *р'е́ч'и сфа́тут: "би́ш'и о́ш'ч'и по́о́стра, си бри́ч'ах таш'а́џиту си ускаби́"* [MS,t,78]; ~ *к-о́дăт за бра́шно дă-те́рат ут-ти́ą шо́пките та́м, уд-Бугáрто. Ка́ ки-н-сă-пу́штаа, ви́кше те́јко, ус-ка́мине: у-у, ви́каа, бо́же, у-у. "Ви́ą це́ли Гăрци сте, о́ште нă-мăга́рто нă стра́на ка́ се́јте, сă-зна́јте о́т сте Гăрци, а уд-Гăрци бе́кте, ту́к и́јте. А дă-*

с-јóјте пá у-вáшто" [ПК,2(322)]; **3.** 'придавање, односно повторување на означеното' – во скратена форма: **ош** ~ *"Сјáа, вúке, ќи-ит-изéдум, вúке вáлко". – "Ош пó-н-гóре ќ-óдме, дрýк шó-ќ кáже, вúке, урáчо"* [ПК,2(265); ~ *и árно áма тýк кá дујдéме тýк устáнáме; нá-мужéме дójме до-вújме Кýкуш óш адноч* [ПК,2(252)]; сп. **ошт-идúйш** 'повторно' ~ *ém ричé на négу: Дýхо биз глáс и глýх, јáс ти повéлам: úспадни уф-négу, и ошт-идúйш да не флéзиш на négу* [MVK,285] – во контекстот предло-гот **на** се јавува со функција на 'во' – да упатува на внатрешност: **да не флéзиш на négу** (м. 'во него'), понеобична е употребата на предлогот **уф** со значење на 'од': **јáс ти повéлам: úспадни уф-négу**.

П

па adv 'повторно, одново' ~ *на у́трăта де́н сăба́линта, па́ сă фа́шќăт, са бо́рат ду ве́чăрта. Па́ нă мужéл дă нăдви́е ни́ то́а, ни́ то́а* [ИГ,113]; ~ *с-га́ ги-но́сăт и ти́ă пăри́ що-ни-ба́ă варна́ти и-но́сăт и-дру́ги пăри́ па́ дă твăрат, дă-зе́мăт. Исто́ пра́j о́н-пă... Ги посре́тал фи́но, твá, о́нова, и-ти́ă пăри́ ги-вра́т'а* [ЛС(К)113]; ~ *по́сле не́ко: мину́та му-ве́ле де́уто: "Оди, ве́ле, зи́ми фăлцá-нто". И то: де́те о́де, па́ чукну́ве нă-вра́тта. Цáро, е́дна шăкá пăри́ му-да́ве* [ПД,145]; ~ *ве́л'ат па на сле́пјот: Ти́ що ве́лиш зарди не́го, о́н ти упули́ о́чити? И о́н ре́кал: Профи́тин ки би́ди. Не́ верува́ле Чифу́тите за не́го да бе́ши сле́п* [MV(K)-259] – во контекстот го среќаваме сврзникот **да** со декларативно-интенсионално значење, наместо 'дека': **не́ верува́ле Чифу́тите за не́го да бе́ши сле́п**.

па part (за засилување) ~ *Ти́ă му-ви́кат: "Па-не́-и ло́шо дă-го-пови́ками. Ка́ко ју́нак сас-на́шăтă гру́па дă-с--скло́пи"... Гла́вниă ви́ка: "На́што дру́штво тăка́ с--сложи́, дă-ти-при́ми со-на́с а́ко милу́ваш"* [ЛС(К),116]; ~ *Кумши́ити не́гови, и дру́зи шо гу зна́ја по́скоро о́ти бе́ши сле́п, ве́леа: Не́ и во́а шо се́диши да про́сиши? Дру́зи ве́леа: Во́а ј. Дру́зи па: Оти като́ на не́го мнја́са. Па во́а ве́лиш: Оти ја́-сам* [MV(K),258]; ~ *би́ле ќе́рки нă-не́куа цáр. На́јгуле́мта би́ла ли́чна ка́у звезда, сре́днăтă ка́у мисичи́на, а на́j мăле́чкăтă-пă ка́о слăнце. Та́ гуле́мта а-тукми́л нă-гуле́миут бра́т, та́ сре́днăтă нă-сре́дниут, а мăле́чкăтă о́н ă-зăдăржа́л* [ВВ(Кр),312].

паап interj 'подржување на звукот од удар' – *"Аj бе дă-вле́зăм кăдинăтре бе́ки вра́тта утфуре́на-е". Вле́га нăтре. Паап, вра́тта ă утвору́ва. Ко́а скукна́ле, же́нта ве́ле: "Та́тку-ти, бре, си до́е". И сăзгушна́ле* [ДК,127].

Павле 'м. л. име запишано во Гевгелиско' [ТГ,115].

Пада́лиштето top. 'место во близина на планинскиот премин **Пре́секите** (с. Трлис, Драмско)'. Ј. Иванов ја допушта можноста дека овде во средните векови имало **ан** (зграда за одмор на патниците) и го поврзува со старото значење на *падалиште* 'место в планина за одмор' [ЈИ,Ми...,168].

Пада́ло top. 'место каде што има водопад' [ЈИ,Ми...,168]; сп. **Арами́цко Пада́ло** – Калопот, Зилјаховско [ЈИ,Ми...,70].

падар* m 'чувар на полето, нивите, лозјата' – нему му е поверена летината, бидејќи тој кога се зафатил за таа работа се заколнал дека *"право*

ке гледи и право ке гуворе" [ТГ,-279]; ~ *и таму, дека хесап чиниха, ету дојдоха ламините падари, ги собраха мулитата* [V,PM,44]. Поради заменатата на носовката од заден ред со **ă** (сп. гл. **пăде**) нормално е да се очекува дека збороформата ќе гласи: **пăдар**, но поради неинтензивниот изговор на неакцентираните **а** и **ă** дошло до неутрализација меѓу нив и оттаму: **падар**. Потврда за кажаното наоѓаме во примерите што следуваат ~ *вијă пă си имăт кăту пăдарă, кăту измиќарă, ишчи – сијмејнă* [ME(P),84]; ~ *ут прибруждејнă дур нă тригускатă, застрă и катă вечăр пăдајрјуту носăт пу две кошници гроздă* [ME(P),91]; со зачувани траги од назализмот: **пăндар** ~ *зéвăт сéа пулéка-пулéка дéк ќ-óăт – нă-лójзито. Одăт, сă-нăјáжцăт грóзде удлójзито. Сă-нăјáжцăт грóзде и óдăт нă-кăлúвăта нă-пăндарут. Висóка кăлúва, су-скáла сă-кăчфáја. Вúкăт: "Ој пăндăр, ój пăндăр!" Нéма пăндăр* [ВК(Тр),323].

падарин m, в. **падар** ~ *Кату чу татику и, ча побегнаа, ха и зел после да а тера и а пристигна на пăнтјут. Ама младата самовила знајала млогу, та фати на јунакот, гу удри по земјата, са чини кату бустан сас либиници, пак тја са чини падарин, гу и чувала* [V,PM,279]; ~ *еднó врјáме едúн човéк са чинú падáрин, сéлските лозјá да ги чýва, и, когá узрелјáха лóзите, дофáдиши еднá самовúла, нáј-одберáното грóзди тјáнака гу јáдјаши, и тójнака, кату не мóжиши да вúди, кój гу јадé грóздиту, земá еднá стáпица* [V,PM,139].

Пáдежо top. 'дол' (Липуш, Валовишко); Ј. Иванов го изведува од *пад-* [ЈИ,-Ми...,168].

Падúните top. 'ридна месност со длабнатини' (името е познато во Серско, Драмско, Валовишко; разновидности: **Падúна, Падúнето, Падéната** и др.) [ЈИ,Ми...,168].

падне (и: падни) pf 1.'нестане, се загуби' ~ *кој ки јади от тиа смокви, ке да му паднат роговиту!* [V,PM,35]; **2.** 'отиде, излезе' ~ *е бре, дивојче јубаво,[седни де да пуседиме,[гледи да се пугледиме,[јоти ки се раздели-ме,[далеко ки си падними* [ТГ,-100]; ~ *си-имáле инă-чýпа и инудéте. Е, тó кăтă-дéн удéл нă-лóф. Дунéсăл ину-дéн инă-ирибúца. Жéнтă-му си-ă-клáшла тáму, пăднáла пу-друзи рăбóти* [ДК,115]; **3.** 'изгуби рамнотежа и се најде долу (на земјата, на подот)' ~ *сă убрна nasám' да вúди и гу гл'éда кутý партáл тýш'каш'т'ém на в'ąширó пáдна у мур'éту* [MS,t,58]; ~ *стóр н'ă инá кýпа, заш'тó за пáдними и сă удрúјми* [MS,t,62]; ~ *си súгна нугáта и хúтра Пéтри пáдна ут далóт у инăја трăни* [MS,t,75]; ~ *устáнува сăс инó крúлу кóн'у и фáш'та да си пáж'да на зим'áта и такá си пáдна у идúн глăмбóк дóл гул'áм* [MS,t,23]; ~ *кóга гу-рéкăл тó: "él у тáте!", зăбурáвăл сируmáу дéка нăплéштите нóсе гăрне и-рăшúрва рăците и стáпу су-сè пáднăл, сăискăршăл, сă-истурúла и бинúцăта* [ДК,152]; ~ *и тугáс си р'éч'и Крáл'у Márку: "н'ă-сни в'éјки за ж'ивóт!" и пáдна сă уклавá и такá му устáнаха кókалéто на пóртит'ą* [MS,t,39]; и: **пани** ~ *úсă н'емладúсат крилáта, за ти утиц'áјат да за пáниш' у мур'éту* [MS,t,58]; **4.** 'удри (гром)' ~ *и са небјéто заóблачи за да фáти дăш,*

и са за лъ́ска там на една́ ба́рчи́на, и са евúха два оганје́ и ... погъ́рмја оште аднъ́ч по-сра́шно, и ви́де, чи ади́на о́ган ди́гна са, та па́дна фаф поле́то, фаф ади́н са́с [V,PM,261]; **5.** 'пресече, обори' ~ *е, гре́де цъ́рут дъ́ и нъ́по́е ко́јнъ́та – а ви́жда чу́пата. Ле́па – сла́нце гре́е. Му ве́ле нъ́ а́ргатте: "К-о́јте, та́м и́ма ина́ тупола. К-а́ па́дните та́ тупо́лта, и́ма ина́-чу́па"* [ДК,115]; **6.** 'се изнемошти, умре' ~ *но́з дру́гцју, ш'ту си ути́ди, н'е́са: "а́х!" , у́тр'а: "ах!" ни ути́ди иди́н м'а́јанц и па́дна, си умр'ъ́* [MS,t,42]; ~ *ним се кла́ни, лудо младо,[ним се кла́ни ти уф мене,[тук за твоја брза којна,[јуште рече малој моме, јуште рече не дуриче,[је паднала брза којна,[је паднала, је јумрела* [ТГ,197]; **7.** 'погине' ~ *пу́кна пу́шка, ле́ле,[пу́шка пу́кна, пи́ле Спа́но,[ду́ри го́ра је́кна – ју́нак па́дна* [ИГ,108]; ~ *[дваја́ст и пе́тми́на, ве́рна дружи́на:[на́јнъ́пре́т въ́рви Тра́јко Мора́рцки,[по-не́го о́ди Ту́ше Богда́нцки,[пра́во си-те́гл'ът за-Стујака́во,[јо́дат и не́јат и за-бо́ј ми́сл'ат:[пра́во стрел'а́јте, пра́во фъ́рл'а́јте,[од-на́с падна́а ду-три́ста ду́ши,[уд-ни́х падна́а ду-три́ ил'а́ди* [ПК,2(272)]; ~ *тугај стъ́на та́а чу́дба. И на́ште те́път и Ту́рцте те́път. Адно-вре́ме Ту́рцте по́сустра́ши́а. Се́тнън зъ́пъ́ли́а не́колку ду́ши та́м, уф-Къ́ли́нуво. Ее, ми кумите и́мше Къ́ли́нуво, а́ма не па́дна́ ут-кумитин ни-а́ди́н, ни́што, са́мо де́ца шо-јзгуре́е уф-ка́штте* [ВК(Мал),289] – сп. додаток за место без предлог: **кумите и́мше Къ́ли́нуво** (наместо 'во Кълинуво'), што се третира за балканистичка посебност; **8.** 'изгуби во игра' (во случајот игра на табла) ~ *фа́шка́т да игра́ат на та́бла. Та́ткуто ричел: "Кој ки па́дне, ки му иска́рме о́чте". Де́тто са пучуди́л... си ре́кло на у́мут: сто́ј да па́днум и ја́с ед-на́ш, да ви́дум, шо́ ки-пра́ве во́а та́тко* [ИГ,114]; **9.** 'добие' ~ *муриче на дефут: "На ти на тебе дибелто месо; на оралут – цъ́рвенто месо, на мравата коските". Риче дефут: "Куту ка саках, такоф дел ми падна"* [V,PM,35]; **10.** 'стигне' ~ *навечъ́ртро си-и́дът бра́тјата-му уд-ло́в дека би́ле. Пу́л'ът крива́тут – мо́ме лигна́ту. Одат а-скорну́вът. Му ре́кле: "Шо́ тъ́ка́?" Му ре́клъ́: "Тъ́ка́ и тъ́ка́, сакаа да-ма-зако́л'ът и стана́ ја́зика бига́ј и де́ка пъ́дна́ј – у-ва́ште ръ́ци"* [БМ(Зб),198] – кратката дативна форма за м. род **му** се јавува во две нерегуларности, прво: употреба наместо дативната за ж. род 'и́': *о́дат а-скорну́вът. Му ре́кле;* второ: наместо дативната множинска форма 'им': *му ре́кле: "Шо́ тъ́ка́?" Му ре́клъ́: "Тъ́ка́ и тъ́ка́, сакаа да-ма-зако́л'ът"*; **11.** 'се случи' ~ *и ви́ка, така́ и-така́. Он му-ви́ка: "Та́тко, мно́гу ле́сно-е тва́, ви́ка, ки-па́дни гол'а́ма су́ша. Се́дам годи́ни ки-би́ди гол'а́ма су́ша, н'а́ма ни́што да-и́ма"* [ЛС(К),112]; **12.** 'се смрна' ~ *"Ка́ ки-па́дниш, ръ́че́, нъ́-до́лу уфливајте, та́м и́ма, ръ́че́, ки-тъ́пръ́сре́тнът две́ кучи́јна, едно́то, ръ́че́, бе́ло, едно́то, ръ́че́, цъ́рно... Ку́чишчата ка́ ки-съ́-пу́шчът уф-тебе, пу́шкъ́та о́ш ка́ ки-зи́миш да-нъ́пъ́лниш* [ПД,147]; **13.** 'клекна' ~ *ка му дујде́ иде́н шо му дла́жиши де́јсет или́ади гро́шови. Чу́нки нима́ле да му и да́ди, пувел'а́ ца́рот да са́ пра́да́ди, и на не́гу, и на же́на му, и де́цата му, и се́ шо и́маши, и да си пла́ти бо́рцот. То́га падна́ измика́рот да му си мо́лиши на не́го: Афе́ндо, ти са́ мо́л'ам да*

ми чéкаш [MV(K),68] – во извадокот се забележува следнава посебност: директниот предмет е придружен со предлогот **на** – **да сă прăдáди, и на нéгу, и на жéна му** (оваа специфичност ја познаваат и западните и јужните периферни говори); ~ *нáшал идéн ут измиќáрито шо бéа зáино су нéго, да му длăжиши на нéго стó грушóви: да гу фатú ут гăркл'áнот, ки му удáваши- ... Му паднá тóа сарóмах на нóзити му, му си мóлиши* [MV(K),268] – во извадокот среќаваме нерегуларна употреба на предлогот **од** наместо 'за': **гу фатú ут гăркл'áнот, ки му удáваши...** – за ова поопширно во граматичкиот дел; **14.** 'капне' ~ *зимнидéле úмше áма пó-мáлко. Пúјаа чувéцте нóго вúно. Имше цăрно грóзде, јáка шл'ýпка, дибéла, нé сă-јáјше, за-вúно бúше, áдно цăрно вúно – вăпцýвише дèк ќипáдне* [ПК,2 (215)]; **15.** изр.: **паднал гол** (= останал без облека, гол) ~ *мăжо нé кăндисáл, рекал: "Нáс не зăбрáнно". "Нé е, рéкăл, вă лăжáл тóо шо-ви-зăбрăнúл, јăдéјте". Е, фăтúли тúă дрýґо: дéн тóо дăрво, шо рéкăл Гóспу: уттóо дăрво дă нé јáјте, фăтúли, јăдéли, јăдéли, пăднáли гóли. Нă-дрýґо: дéн úдє Гóспо им-вúке: "Елáјте, елáјте", вúке* [ПК,2(237)]; **вéјште му пăднáа** (= многу се посрамоти) ~ *нéјќе да-флéзе, вéјште ќи-му-пáднат* [ПК2(155)]; **паднá бóлин** (= се разболе) [ПК,2(150)]; ~ *царјут от мăра дни сетне са беши разбол'ал от тешка болка и са фати от вăрла чума; кату гу изчýка, падна четиридесјат дни болин, после умрја* [V,PM,195]; ~ *димéк дă-пáдне бóлин, тóлко дăуслăбéе дă нис úглини ýши дă мóш дă-пумúне, куту кóниц* [ПК, 2(182)]; **уд-магáре ќи-пáдне чувéк** (= му се кажува на некого што премногу се ангажира, без одмор) ~ *нúм сăвáрки тóлко, уд-мăгáре ќи-пáдне (чувéк), пá ќи-с удмóре* [ПК,2(204)]; **уд мене падни, куту на камин падни** (= така "порачува" магарето на човек кога го јава) ~ *"уд мене падни, куту на камин падни – на место устани!"*, додека коњот обратно порачува: ~ **"уд мене падни, на душек падни, на еднăш стани!"** [ТГ,79]; **му паднала тешка дремка** (= му се приспало) ~ *јуридил си, дуздисал си ду два сива којна,[кинисахте, Ванѓелино, пу бели друмуве,[ка дујделе, леле џанум, ду среди на пăтот,[му паднала на Јуванче дури тешка дремка* [ТГ,40]; **капа да ти падне, да не са врниш да си а земиш** (= кога човек има големи непријатности од нешто и сака побрзо да се отстрани) ~ *ако при ткаењето жиците се заплеткуваат или се кинат, тогаш таа што ткае ќе каже: псешка работа! Капа да ти падне, да не са врниш да си а земиш. Седни па прапејви!* (како кога се оплакува мртвец) [ТГ,364]; **нéма дă-т пáдне ýстта** (= нема да ти се случи ништо лошо ако прозбориш со луѓето) ~ *áк кáјш адно дóбăр дéн нă-чувéк, нéма дă-т пáдне ýстта, прăгувóри, зăшó си-чувéк* [ПК,2(180)]; **шáно ú падná** (= повредена ú е гордоста – иронично) ~ *ее, сјáа дрýґут цáр пă-с-имáл куту нúџа ká úмме дéн, нéли прáзник. Сă-збрáли, и о викáле нăрóдо. Цăрúцта пучăстăвáла, пучăстăвáла нă гóстто, áма кути чувéк сă-јзлăжáла нéли, сă-јспăрдéла. Цáрут му-пăднáл шáнут, óти сă-јзпăрдéла, зúме гă-нăпăдăве* [ПК2-(Кре–300)]; ~ *бре шо и са кажá-*

ло, пă сă л'у́те, ша́но и́ пăдна́л....; **не́ма и́гла де́к да па́дне** (= кога на едно место има насобрано многу луѓе) ~ *нă-пăзáро и́гла не́ма де́к дă-па́дне, то́лко наро́т не́ би́ло* [ПК,2(166)]; **ми-пăдна́ нă-ăка́ло** (= се присетив за нешто) ~ *ги-убиси́ла ри́бите нă-тăва́но, и па́ си-излизе́ла дă-бắрке не́кој дру́к килипу́р. Сă-шушка́ла ту́ка-та́м, и е́т-ти-о вắлко пра́д-не́: "Де́к си кинисáла, мурú ку́мо ли́со, нă-ме́не пă-ми-пăдна́ нă-ăка́ло дă-до́јдум пăр-те́бе, дă-т-ј-ă-ви́дум ка́штта"* [ВК(Пат),286]; **жал ми падна** (= почувствував жал, се ожалостив) ~ *три дивојки сусам берат,[сусам берат, песма пејат,[песма пејат спрутив мене,[жал ми падна, џан дивојко?[си искарах шарен кафал,[си засвирех спурти нивка,[ми с-испушти дробно стадо,[си направи гулем зарар* (= голема штета) [ТГ,338]; ~ *царју́т гу виде и му рече: "не идиш на меника да си цениш?" Мајдон му вели: "идам". И така са цени на царју́т и са ку́ртулиса от протудраку. И млогу са зарадува Мајдон, а протудрак млогу жал му падна* [V,РМ,73]; ~ *не́кој гу-учи́л де́јту но́гу. Ех, си-вăрна́лу дејту до́ма, гу-нăјду́ва та́тку-му дăнăма́на. Му-пăдна́ жа́лус нă-де́јту зă-та́тку-му ка́ гу-виде́* [ВЕв(Кор),303]; со исто значење: **му-паднало грех** ~ *си́чко сă-устăви́ли нă-ни́вите и сắрпуве и сѐ. Пу-пắтиштта, нă-мужва́ли-сă дă-но́сат, и мăле́чките де́ца сă-ги-устăва́ли пу-пắтиштта. И мо́јта ба́ба, та́ја шо би́ла ро́дина уф-се́ло Стре́зуво, чи́чу-ј, ади́нјо гă-устăви́л нă-пắто, а нă по́гуле́мјо му-пăдна́ло но́го гре́х, се́тне ути́-шăл, о́н гă-зима́л, си-ре́кăл: "Де́к си́те, де́к на́ште де́ца ќ-у́мрăт и-о́на не́к у́мре". И сă-зăмина́ли нă-ва́ки. Стру́ма сă-гă минува́ли, но́го тишкути́ј сă-има́ли. Се́тне сă-јăви́ла не́ка: бо́лис, испа́нска бо́лис, ги-зăтрупува́ли уф-не́коо ва́р, ги-фăрка́ли уф-не́кој ду́пки* [ПК,2(Ним–275)] – автентични кажувања на информаторот Милан Гогов роден во с. Ниманци, Кукушко, за голготата низ која поминале Македонците летото 1913 г., кога грчката солдатеска со оган и меч ги принудила да ги напуштат родните огништа; исто: **тăнга́ ми пăдна́** ~ *тăнга́ ми ј пăдна́лу за́ те́ба* [ПсС(З),67]; **гу-пăдна́л ма́ка** (= почнал да завидува) ~ *има́ло дву́јца бра́те, а но́го ду́буво пуминува́ле. До́бро-ама ѓа́вуло ги-виде́л о́ти но́го ду́буво пуми́нувăт и-еди́н дру́к сă-ра́нăт... И-тăка́ ѓа́вуло гу-пăдна́л ма́ка о́ти то́лку а́рно дă-пуми́нăт* [ПД,165]; **му паднало криво** (= се нашол повреден, омаловажен) ~ *на дедо Госпуд криво му падна и тоги праклăна: "Уд сега и дејна и ноќа да работиш, и ка ќи дуработиш па пуд мишка рабутенто да си гу земиш"* [ТГ,365]; ~ *кога пуминуве дистина дена, некуј чувек па му веле: "А, утре ки дојме уф тебе на ракија, утре е Св. Јован!" – А кога му дујдел уште еден Св. Јован увчарут му паднало криво и гу пите попут: "Ама, попе, уште колку Свити Јовановци има?"* [ТГ,26]; ~ *она тргнала сусе јарци, сусе кози да оде на јазлăк, да летуве уф планина. Идеќи пу пăтут сѐ си пракажувала: "Трш, јаре в планина! – Серем се Сечку на брадина!" – Сечко ка чујуве, му паднало криво, па си утиде пра Баба марта и фати да и са моле да му пузаиме три дни да владеје* [ТГ,13]; со исто значење: **му падна те́шку** ~ *ка́ фле́гал ца́рот да уби́ди сфадба́рите, а виде́ та́му иде́н човек*

шо не́ бе́ши примине́т да ли́чи за сфа́дба. Да му ве́ли на не́гу: Прија́тил, ка́к си дуjдé ту́ка, шо немáл си ру́ба за сфа́дба? Па о́н му падна́ те́шку. То́га ричé цáрот на изми́тчи́ити: Варза́jти на во́а [MV(K),270] – мешање на заменските форми за прав и неправ предмет е позната работа во македонските дијалекти, но овде, во југоисточниот дел, во нерегуларностите е вклучен и номинативот, што претставува повисока форма во нивелирање на падежните остатоци кај заменките: **па о́н му падна́ те́шку** (м. 'нему му падна тешко'); **му падна лошо** (= му се слоши, изгуби свест) – на тримерциите, тие што три дена гладуваат за време на **Велики пости**, им купуваат лимони но само да ги мирисат – **да им не падне лошо уд глади** [ТГ,14] – посебност во врска со збороредот: глаголот и заменската форма се одделени со негацијата *(да им не падне лошо)*; **мáнгла пáдна** (= згусната водена пареа, магла, се спушти близу до земјата) [ПсС(З),68]; **пáдна нá ло́шjут пăт** (= се упропасти) [ДК,106]; **му падна́ уф гăрдите** (= го прегрна) ~ *о́шти далéку бидéки о́н, гу видé та́тко му, и му прижал'á, и тăрчá да му падна́ уф гăрдити, му гушна́ да му баци́ваши* [MV(K),281] – во текстот среќаваме две посебности: прво зборотформата **бидéки** ја зачувала својата глаголност: **далéку бидéки** (= кога беше далеку) и второ: кратката зам. форма за датив **му** се јавува во функција на акузатив: *му гушна́ да му баци́ваши* (наместо 'го гушна и го бацуваше'); **падна на ногите му** (= клекна) ~ *му ве́ли: "а́ди сегá, и́ди си пáк дá отвóриш магази́ите, да си глéдаш рабóтата здрáва и да нé вéлиш о́шти еднóч, ча садé на твójта кăшта є Бог!" Тогáс и тój гу познá и падна́ на но́гите му да гу прóсти* [V,PM,153]; со исто значење: **му падна́ на коле́ната** ~ *Как му фăрл'áле, затфори́ле но́го ри́би уф гри́пут, ду́ри ки си ски́ниши. И а вика́ле на другáрите шо би́ле уф дру́гут ка́икут, да дójдат да и пумáгат... Ка видé Си́мон Пе́трос, му падна́ на коле́ната Ис...-ова* [MV-(K),272]; **падна вогин от небету** (= удри гром) ~ *ету и едни кираџие проминаха приз таму и вел'аха: "ама чиница олан таја кива!" И тој кату чу, рече да са похвали и му вели: "моја е таја чиница!" И ошти речта не доречи, падна вогин от небету и са запали чиницата, фати да гори* [V,PM,86]; **му падна́ стра́х** (= се исплаши) ~ *ричé: А фéндо, ти пузнајáх на тéб шо си идéн скри́вин човéк, жни́иши дéка нé си сиáл, и избируáш дéка нé си давáл; и му* (ми?) *падна́ стрáх, да утúдох, гу скри́х твójто карагро́ш уф зéмнjата* [MV(K)271]; ~ *му вéли: Стáни си, зéми си дéтито и Мájка му, и óди си на зéмн'а Израи́лцка. И он станáл, си а зéл дéтито и Мájка му, и си дуjдé на зéмнjа Израи́лцка. Ка сă научú пá шо царýва А... на Jудéа, му падна́ стрáх тáму да си óди* [MV(K),306]; ~ *рéкал: Афéндо, áко си ти, пóвели да дójдам кăт тéп jác пу вóдата. Он му рéкал: Ела. И слизé уф ка́икут Пе́трос, си газá уф вóдата, да си óди кăд Исус. Ни́ли бе́ши вéтар си́лин, му падна́ стрáх* [MV(K),267] – предлогот **уф** многу често се јавува наместо 'на' (и обратно), освен тоа, во контекстот, се јавува со значење на 'од': **и слизé уф ка́икут Пе́трос** (= се симна од каикот Петрос); дека не се работи за превид наоѓаме потврда во друг пример

од истиот текст: **и испадна́ уф не́гу лошутѝата** (наместо 'од него'); за ова в. во граматичкиот дел; **на две дни оттори падна** (= за кратко време тешко се поболи) ~ *тогас позна́л, ча бе́ши неговата жена нивјаста. И заедно́ч стана куумџиата и отиде на пашата да гу здигни, ама напразно му бе́ши хожданиту: најди таму зид... Така куумџиата от јад, от кахăр, на две-дни отгори падна, разбол'а си и умрја. Дјатету га зема жената и си седна аф куумџиовата кăшта* [V,PM,70]; **падна́ на арами́ити** (= се најде во рацете на разбојници) ~ *ре́кạл на не́гу: На́, да гу гле́даш. Кój се́ја ут ви́и три́ти ве́лиш ти, да би́ди кумши́а на то́ чове́к шо падна́ на арами́ити? Он му ре́кạл: То́ шо прави́ добро́ту на не́гу* [MV(K),277].

пạднýвạ impf 1. 'се руши', в. **паѓа** ~ *е-пạ, тва́-е, ви́кạ, мно́гу про́стạ ра́ботạ. Квá ќи-ýмри жена́тạ, по́лạ све́т пạднýвạ зạ-мạжо́. Или мạжо́ квạ-ќи-ýмри зạ-жена́тạ. А-ọсо́бено зạ-мạжо́ жена́тạ, о́ти мạжо́, неможи дạ-се-испе́ри и-тạка́ си-и-принадáрино* [ЛС(K),120]; **2.** 'ја губи борбата' ~ *бе́гọ шọ-би́л ту́кạ, гле́дạ, кạ́ýрọ по́ си́лạн. Амạ гọ-и-срáх чọв'áко. "Не́мој дạ-ми-ọбо́риш, о́ти ýтре на́ли..." Ту́рчино се-зạкáн'ạл... И се́ạ гле́дạ бе́го, хм, хм, не́-му-ујдису́вạ ра́бо́тạ. И-ви́кạ: "Ту́к и́мạ н'áшто". Ко́лку сăт, два́ се́-бо́рат, ни́кој не-пạднýвạ* [ЛС(K),122].

пạднăн adj 'наместен, ставен' ~ *две-те деца на човекут си спале заедно. По-големјут станувал порано. Коа да виде, пăрвната sacтра, от как јале кукошката, един алтăн паднăн до главата на брат мо* [V,PM,274]; в. **пăднáт**.

пáѓа* (и: **пáж'да**, односно **пáжѓе**) impf 1. 'се иместува од повисоко на пониско место, по законот на земјината тежа' ~ *и ќи-зе́ла сто́мните, ќи-зăмина́ла зă-Чучу́ро. Еди́н-пăт, гă-стрите́ла не́каа же́на, că-вика́ла Го́рска сăмуди́ва. И ре́кла: "Мо́мичко, да́ј-ми дă-пи́јнам во́да". Та́а мо́мичка и́- пуда́ла сто́мнăта дă-că-нăпи́е. "Блăгусло́вна да-си, ка́ ќи-прăгуво́риш, ка́ ќи-с-ја́диш до́ма, зла́то и стре́бро уд-у́стта да-типáѓе"* [ПК,2(Крец– 301)]; ~ *удóл џ'амијата имáш'и идúн сарáфин, пáж'да на врăх сарáфину и гу уклавáва* [MS,t,56]; ~ *"да јáхна ко́ńу, да по́ја на дру́ги сила́, да м'áтам пари́ на зим'áта, да вил'áт л'уд'éту ут Го́спут' пари́ пáж'дат"* [MS,t,20]; ~ *дујде́ло вре́ме – руди́ла. Лижáќи мáјка му, о́н, о́ште ка́ пáжѓе ут мáјкă му и ри́пке низ удáата, ско́ке – пи́те: вýјко де́к-е* [ИГ,110]; ~ *море лудо, море младо, амамија,[нит уд Бога, лудо младо, мома пажѓе,[нит уд земја, лудо младо, мома никне,[туку сум ти, лудо, уд мајка рудена* [ТГ,96]; **1.а. – (си)** ~ *и така́ му згур'áва крило́ту на ко́ńу, устáнува сăс ино́ кри́лу ко́ńу и фáш'та да си пáж'да на зим'áта* [MS,t,23]; **2.** 'припаѓа, следува' ~ *ричé Го́спот на ва́а прика́зна: Иде́н челве́к имáл дéвé синóви. И му ричé по́мла́дјот на та́тко му: Та́тко да́ј ми мо́јото де́л шо ми па́ги ут имáнјото. И он му раздили́ на ни́х имáнјото* [MV(K),281]; ~ *уд него се повелјат селта шо са ут солуницкјут јукумат и са пагјат утăда уд Вардар* [ME(P),72]; ~ *ут негу имăт дел сăтă села шо имăт мегјă су негу, и спрути селту уф чиј синур că пагјă* [ME(P),80]; ~ *Одăт, одăт пу-пăтут и си-збуру́вăт накój пајѓа вá сéга, чу́нки ќи-пáдне*

на иде́н уд-ни́х. Гу-ле́лиат: "Ја́с аку-не-бе́к ни́шту нă-мо́жиште да-нạпра́вите". Дрýјкăт:" Тăка́...", на́чи (значи) *пувăрза́ни би́ле* [БМ(В),196]; **3.** 'се наоѓа' ~ *селту Илициву шо пагјă узгорă ут друлут носă вăрдарцки пăртал* [МЕ(Р),81]; **4.** 'уназадува' ~ *су секуа менă нă субăштă и селту или паѓă или că кревă* [МЕ(Р),90]; **5.** 'станува немоќен, умира' ~ *că натíва тój и că фармакóсува; и пáждa* [MS,t,61]; **6.** 'губи во игра' ~ *Дé-тто că пучудúл... си рéкло нạ ýмут: стój дạ пáднум и јáс еднăш, дạ вúдум, шó ќи-прáве вóа тáтко. Кạ пáжѓе дéтто óдма пувéл'а ут цáрут дạ гу вăрзạт дéтто* [ИГ,114].

паза́р m **1.** 'одреден простор каде што се продава зеленчук, овошје и сл., односно каде што се врши размена на стоки'; има и: **ајва́н паза́р** 'место каде што се продаваат животни' [ПД(Фур)]; ~ *магáр'ạту да гу закáраш' на пазáр'у да гу прудад'éми* [MS,t,55]; ~ *му звáж'да прăстин'ут и ранч'úцит'ạ: "н'ăса у тójта ж'éна?" тóс му вилú : "на пазáрут' прудáват млóгу такфăс"* [MS,t,71]; ~ *синóт му, што и бúл млóгу хáрин, милостúф и прáв човéк, кладé тил'ál да вúка по пазáрите: "нá кóгу úма тáтко му да дáва пет пáри, да дójди сјákој да си ги зéми!"* [V,РМ,-108]; ~ *вójден úма нишáни дéка сéлто бúло у-пóле, тáка шу-úма нúшта шó că-вúкăт:* ***Шúшива Чéпма, Читúри Пăтúшта, Măрнúца, Тăргувýшче,*** *бизбéли тáму сă-прáвело нúкуј пáзăр* [ДК,154]; **2.** 'плоштад, центар на градот (каде што има продавници)' ~ *и л'у са ожениха, тјанака имаши от хако и по на двеста гроша, му а даде на негу, и тојнака, кату излези на пазарјут и чул да продават едни ниви, и тој нака ги купи сос ониа двеста гроша за женинот кăсмет* [V,РМ,86]; ~ *"с'ă за ти дáм парú да пóш' на пазáр'у да кýпиш' идúн дугáн' "* [MS,t,27]; ~ *она си купила риба ми јангула,[риба ми јангула и зелен ми бардак,[и зелен ми бардак и пара јотрова,[она си е дошла уд нова пазара* [ТГ,99]; ~ *испаднá нóгу рáну да фáти аргáти ѓундулукчúи за лóзиту. И са пазарисá су аргатúти на дéнут пу двé гróши, и а пуштúл на нúх на лóзиту. Па на трúти саáта испаднá, а видé дрýзи шо сéдиа на пазáрут ајл'ák* [MV(K)-,315]; **3.** 'договор' ~ *пазарот ни беше три лири и лира му даде Петри пишин* [МС(В),77]; ~ *хóџата тогá ки нáјди едúн човéк сос пари, ки гу чúни пазáр гднá вéчер да гу ожéни сос онáја женá, васа нóшт на мрачúло да сá* [V,РМ,11]; 4. 'денот кога има пазар' ~ *ýтре: еј паза́р (сăбута, уф Стрýмица еј паза́р)* [ПК(АЌ)]; **5. Пазар** 'име на населба во Ениџевардарско' ~ *му прават мегја на полјто ут ветăрут ăј иден град ут турцко врема, а то је Пазар* [МЕ(Р),69]; **6.** изр.: **гупра́виј пăза́р** (= дадов пари за нешто, го купив) ~ *áјде нáпкум. Гу-устăвú дéјту, гу-нọсú нăнáка, já и нéкуи и-купúли, дéца. Мувúка дéјту: Ај бéгај, бил'á ќи-кýпиш... – Хá, ричé, já гу-прăвúј пăзáр, ричé* [ВЕв(Кор),304]; **сă-бе́ре пăза́ро** (= се организира, се одржува) ~ *Мурáрци пá христијáнско сéло бúше и Алéксуво, тăká пуд-нáс уд-до- лу, а нúа бúме уф-стридúпăк. Штéмница бúше нáшто сéло, тáм сă-бéрше и пăзáро уф-питóк* [ВК(Пат),288]; **ус-де́ца нă-пạза́р ни́м бди** (= децата не треба да бидат

вклучени во сериозни работи) ~ *ка̀ сă гу-изрижа́ли ло́јсто ва̀дин! Ни́што гро́зде ќи-не́ма. – Е, ус-де́ца нă-пазáр не́ сă-о́де от ќи-т напра́ват бил'а́* [ПК,2(205)].

Пазар Пăт top. 'пат низ кој минувале пазарџиите' (Шума Махала, Валовишко) – образец позајмен од тур. јазик во кој именката се јавува како атрибут на др. именка, впрочем од истава регија е запишан и примерот: *Пазар Јоли*, наспрема *Пазарски Пăт* [ЈИ,Ми...,168].

пазарејнин* m 'жител на градот Пазар, Ениџе-Вардар, [МЕ(Р),174].

пазареиц* m 'жител на Пазар', **в.** пазарејнин* ~ *на во извор пăтниците пазарејна и силјајнто ут друјзте села на окулу гу велјат "Бајната"* [МЕ(Р),69].

пазари pf и impf **1.** 'договори да купи **(односно продаде)** некоја работа' ~ *ста́на ути́ди на гурбе́т (кш'инитја́) и та́м пазáри* [MS,t,18]; ~ *тогас царјувата мома го и пратила сос други траговци на един панаир, му даде хазна пари, што ќи му текни веќи да пазари, да земи за да добии. Сакаши да му види умот, дали вреднова за неа* [V,PM,190]; ~ *аз ги пазари́х дăрвата и ти сјáа ним сă-бăрки* [ПК(Грам)]; ~ *кóга сă-пăзáриле и му-ă-дáшăл мăлáчкăта, Мустăфá му-рéкăл: "Аирлúа нéка-ти-е, нóгу дă-ти-жúве, áма úмăј нă-пáмет: мăлáчкăта ти-ă-прудáду, ă плéмнăта, áмбăру и Имúн нé-ти-прудáду"* [ДК,154]; **2.** 'договори со некого за да изврши одредена работа (за пари)' ~ *сăкáле измиќáр óни. Вó пáла рăбóта. Му-вéл'ăт: "Сáкăш кăj-нáс дă-дójш измиќáр?" Дéтто му-вéле: "Јáс рăбóта пáлăм". – "А рно, élăj! Ќи-сă-пăзáриме. Кóлку пáри сáкăш нă-гудúнта?"* [ДК,127]; ~ *отúде покрáj морéту, најдé едúн гимициа, гу пазари за да гу закáра на еднá касабá кату на Шам* [V,PM,8]; ~ *и тáм пазарú да му стóри на цáр'у идúн куńáјќ* [MS,s,81]; **3.** – **(сă)** ~ *и тóј ги з'éва парúт'ą и трăгнува, утúва, нахóж'да идúн дáскал хýбав и са пазáр'ăт да гу науч'ú да п'ăј* [MS,t,26]; ~ *тóј гу земá и отúде аф морéту, најдé гемúа, си пазари сос гимициáта* [V,PM,23].

пазáрин* adj 'кога за нешто е направен договор за продажба' ~ *дојдé рéд, сáка да úди на хаџилăк, вéли на женáта му: "жéну, сè нá чифýтинот да ги дáваш јáиците, ги úмами пазáрени по стó гróша еднóто и да ги хрáниш децáта хáрно!"* [VP,M129]– присуство на гл. конструкција *има (нема)* + *гл. придавка* и тоа во првичната варијанта кога придавката се сложува по род и број со предметот: **јáиците, ги úмами пазáрени по стó гróша.**

пазариса* pf, 'уговори цена за извршена работа', в. **пазари** ~ *напкун вăрваха на пăтот три мангусарки, и јаз пасах овците на полето и ги викнах и ги пазарисах да ми требат зăбито* [МС(В),76]; ~ *он па гуворú, да ричé на идéн ут нúх: Прија́тил, нé ти сéчам áкут, не ти пазарисáх пу двé гróшови? Зéми си твójто áкут, и óди си* [MV(K)315] – во извадокот, во функција на вокатив се јавува номинативната форма: **прија́тил, нé ти сéчам áкут;** ~ *Небéсинта царштúна умнјáса су чувéк идéн стопáн, што испаднá нóгу рáну да фáти аргáти ѓундулукчúи за лóзиту. И са пазарисá су аргатúти на дéнут пу*

две́ гро́ши [MV(K),315] -- во контекстот е регистрирана проширената употреба на множинската наставка **-и** кај еднозложни именки: **са пазарисá су аргатя́ти... пу две́ гро́ши**.

пазарису́ва impf 'тргува', в. **пазариса** [BV,128].

паза́риште* n 'место каде што се продаваат различни работи, но основно за исхрана', в. **паза́р** ~ *ету еди́н де́н излезе́ ра́но от кӑштата му... промина́ приз паза́риштето* [V,PM,17]; ~ *ее-е, сӑ-сика́вум, ка́ не́ сӑ-сика́вум, кут сјáа ме́-ј: уфпито́к сӑба́јлинта, вујко пригна́ вӑло́јфто, уддé нӑ-мисúркӑта. Шо́ бре́ та́м нӑ пӑзӑри́штто сӑнӑпална́ило чувéци? Кукуше́не си́чките избига́ли* [ПК,2(247-248)];~ *кату чу така Мајдон, отиде на пазариштету, купи свингер и отиде аф протудракувата тавлахана, му здигна на кон'ут ногите, му тури свингерут, гу вјахна* [V,PM,74].

пазарля́к* m **1.**'работи купени од пазар, односно од дуќан' ~ *остретна́х кӑд до́дне, сӑ-вӑри́нише, но́шше пазарля́ци* [ПК(**Мут**)]; **2.** 'договор' (во овој случај не е купопродажба) ~ *Кулуф стре́кса, и чини́ха пазарля̆к; и така́ гу зема́, гу закара́ аф ба́н'ата* [VP,M,11]; ~ *зашто́ пристя́пкаш за́коното спря́ти пазарля́кот, што чини́?"* [VP,M,12]; ~ *пак лудојут отиде на гранчаровото село, промина приз гранчаровата порта; изл'ази гранчаровата мајка, му вели: "дека хождаш?" И тој ја вели: "касмет сакам". Фатиха тамо, пазарлик чиниха, са глави* [V,PM-230]; ~ *та́мо те́раши кӑсме́т така́ пожале́н сироми́х и си најда́ та́мо е́ди́н богáт човéк; на́ не́гу са цени́, биз да чи́ни не́кој пазарля́к. Гимици́ата се́тни са вӑрна́ па́к назат* [VP,M,108]; ~ *тогас тој му и рекла на них: "јазе ја скокнувам, ама сакам пя̆рво сос царјут да чинам здрав и јак пазарлик сос писмо и сос мјухјурја"* [V,PM,185]; ~ *и гу закáраха у цáр'у думá и стóр'аха пазарля́к у нид'а́л'а за сӑ винч'á-јат* [MS,t,28]; — кога ќе се приближи *Ѓурѓодин* почнуваат да се договараат кој со кого ќе **крдари** (заедничко чување на овците од повеќе сточари). Тогаш се гледаат сметките колку е потрошено за сено, за крма, го поделуваат тоа *на глава пу колку ќе дојде*, и кога сè ќе средат пристапуваат кон **пазарлук** [ТГ,377]; **3.** изр.: **чини́ха (сто́риха) пазарля́к** 'се договориле за купување-продавање' ~ *кога влезоха во магазиата, видоха, што н'ашто му требуваши, тамо имјало; фатиха, пазарлук чиниха за некој педесет хил'ади гроша* [VP-M,177]; ~ *ути́ди на тас ма́ндра за да в'е́ни ж'ивини, сто́риха пазарля́к* [MS,t,16]; и: **пра́ват пӑзӑрля́к** ~ *ка́рят-гу нӑ-пӑза́ро. Сӑбе́рат та́м си́те и ара́пино та́ма. Пӑзӑрля́к пра́ват, ба́бӑта не́јќе до̆ да́де угла́мнико, а ара́пино гле́де до̆-фа́те угла́мнико. Нӑпра́ви́ли пӑзӑрля́к* [ПК,2(Ним–270)]; ~ *гу пра́в'ат пазарля́ку три́ста драхми́* [MS,t,55]; ~ *и́де пӑјто́нут на ме́стто, запи́ре, гуле́мцут гу прӑви́кӑве ура́чут: "ки-м-гу да́јш тóа де́тто на ме́не. Ко́лко пари са́киш ки-ти да́дум". Напра́вӑт пӑзӑрля́кут* [ИГ,111].

па́зва* f 1.'местото кај градите, накај мишката' ~ *тојнака, как га зема грошовету, га тури аф пазвата му*

и трā̆гнал да иди по пубратимиту му [VP,M,33]; ~ *ела ми ела, пусестримо![дej, гиди, ветка пусестримо,[да ми седниш ду меника,[ду меника ле ду кулено,[да распетлиш де ред пител'ки,[да ми бркниш де уф та пазва* [ТГ,95]; ~ *дéка отúваши сè вел'аши: "úмам на главáта ми, áма нéмам на пáзвата ми"* [VP,M,13]; ~ *Кустадине, мили сино! Мајка ка ки те забраве! Много ми си малечук сино. Не си, сино јоште сам за пāт да јодиш! Кој ки ми те гледе, кои ки ми те чува? Мајка да знајше, Кустадине, уф пазви ки ти скријше. Уд неја не та удделувише, Кустадине!* [ТГ,263]; и: **пазфа*** ~ *извадú от пáзфата му едúн грóш, му дадé на рибáринат, га зéма рúбата, киníса да га закáра на домá му* [VP,M,17]; односно **пазуха** ~ *"Маријче, тенко, високо,[немој ми врвиш низ двори,[ним ми раздигај јадови,[јадови моји дертови,[чунки са малце мојите,[а што да правум и сус твоји?" – "Хеј, море, лудо и младо,[тури ги в десна пазуха"* [ТГ,100]; ~ *млáдо, млáдо, гиди рóсно злáто,[гúди рóсно злáто, прāвно л'ýбо![на рāнка му лéгна шипéрница,[уф пазýха му бāркна кáт ф копрúна,[дāхó му мирúса на рáн бāл босил'áк* [ПсС(З),72]; **2.** 'гради' ~ *зáгāрни си-ј-пáзвите;* ~ *зúмно врéме синóсум уф-пáзвите јáрина (вāлна) да-нé-мé-ј студéно* [ПК,2(83)]; **3.** изр.: **уф-пáзвāта дā-т сā-вāрне** (= вид блага клетва): ~ *клéтвите шó-ј кажувáла нéкаа жéна, тáа дрý·кта нéјќе дa-ј кажýве, зāтóо вúке: уф-пáзвāта дā-т сā-вāрне;* **уф-пáзва змúа нé чýвум** (= не сакам пријателство со човек што мисли зло да ми направи) [ПК,2(208)].

пазвичка f, dem. од **пазва** ~ *Бог да јобије, мамо, терзијчето,[аман, аман, мила мале, комшијчето![што ми скроји, мале, јелеченце,[што ного ме стеге чак јод мишки,[аман, мила мале, до пазвички* [ТГ,-39].

пáзи impf 'чува' ~ *а пеликáно úма направено седéло и ми пáзи, намójта кāшта úма седéло, вúка, и óн га-лекýвах. Викнéјте-го дóкторо, тój ветеринáрнио. Викнéјте-го, ќе-ви-кáжи кáк е-бúло* [ЛС-(К),129] – употреба на номинатив-на наместо формата за директен предмет: **и óн га-лекýвах** м. 'и него го лекувах'.

п'ā̆ị (и: **пее**) impf 1.'чита' ~ *му вилú: "на т'éс парú да пóш' да нájдиш' идúн хýбаф дáскал да са науч'úш' да п'āш'!" ... нахóж'да идúн дáскал хýбав и са пазáр'āт да гу науч'ú да п'āј* [MS,t,26]; ~ *и му писáл Пилáто и пúсму навраз глáвата уф крāстот; да пúсмоту вéлиши: Исус Х..., Цáр Јудéјцко. На вá пúсмо нóгу Чифýти а пијáле, óти мéстуто шу гу крāстúле на Исус бéши блúзу ду грáт* [MV(K),293]; ~ *имало трујца братја: Предлозан, Димитре и Ристо, са главиле на един човек: Алате. Алате гу пуштил Предлозан да носе една книга на жента мо. Одешчими са по пāтут, а утвурил книгата, а пиал. Внāтре писало...* [V,PM,272]; ~ *да в'éниш' кнúгата, на скумин'ó вáса нóш' да с'ąдúш' ... да п'āш'* [MS,t,-31]; – во настојувањето да ги убедат селаните да не држат *служби* (како српско верско обележје), бугарските намесници (според Тановиќ) зборувале: *"На, гледиш архимандрит! Вадан утре владика ки са чине, нема ни една книга што неје а пијал, ама ето служба не држе. Зашто? Оти*

не чине, оти не је будала. Да е арно и он ки а држише" [ТГ,215]; ~ *ина́ фо́тугра́фи́ја, ја з'е́ва ... ја уп'ӑ́ва удуsа́т' пи́сано́ту и гл'е́да, п'ӑ̣j* [MS,-t,9]; ~ *от пет или шест години сетни нузи дете сакаши царју̀т да гу научи да пеи книга, ама са чудиши, как да стори, ка некој учител кабул не гу чиниши, зашто учителите ги беши страх от таков дете змиа* [V,PM,276]; ~ *и ут идна-две гудини дӑ нӑвакӑ сӑ пувелјӑ̀т ут Екзӑрхијӑта и пејӑ̀т нӑ сколјоту и нӑ цӑрквӑтӑ бугарцки* [ME(P),80]; ~ *га гл'е́нда, д'ӑ́т'а̣нту и з'е́лу идна́ кни́га на ранка́та, п'ӑ̣j* [MS,t,81]; **2.** 'артикулира мелодија, најчесто пропратена со текст – пее' ~ *и тој седна́ на еди́н крај, ча мо́мите при еди́н хавӯз едни пе́сни пе́иха, дру́ги сви́рка сви́рјаха* [V,PM,9]; ~ *пиле пее пу турски дуќајне,[с уста пеје, с грло збор чинуве: "Не ми е жал, кузум братко Ристо,[не ми е жал от ти мен ме лажа, тук ми е жал оти не ми кажа,[тук ме лажа ду девит години"* [ТГ,199]; ~ *Сраулица фати да пеи една песна, малци речовита, ама много гласовита* [MC(B),96]; ~ *амӑ па биле Гӑрци, оти пијале нӑ цӑрквата и нӑ скӑлјоту гӑрцки* [ME(P),83]; и: **по́и:** ~ *и то́јнака вјахна́ на́ бӑ́рза ко́н'а, оти́де на́ Чингу́-дилибе́ини дво́рове, фати соломони́ка да по́и... и то́ј ги закара́ на́ се́стра му, фати́ха та́мо да и́грат: едни сви́реха сви́рки, дру́ги му́зики, и едни́ игра́јаха* [V,PM,142] – уште еден случај на изразување на директниот објект со предлогот **на: то́ј ги закара́ на́ се́стра му;** за ова поопширно во граматичкиот дел; **3.** 'учи' ~ *детету кату пејал некои две месици, извади га првата книга и сака друга; дојде дома плаче* [V,PM,38]; ~ *а́рноӑма не́чурбӑ̣ци́ја̀та, сӑ́те де́ца не́-j устӑви́л дӑ-рӑбо́тӑ̀т кӑто-чифчи́j, ту́ку не́куи уд-ни́х и-пушчи́л дӑ-не́ја̀т зӑ-дӑ-зӑфа́тӑ̀т не́куја у́ка. Пу-не́куја гуди́на ӑдно́ у́д-де́цта, шо́-j-ма́ше пра̀те́но нӑ-неја́јне, си вӑрна́л уд-скол'о́то* [BC(Кал)292]; **4.** 'пишува' ~ *удго́р'а ра̀нц'ӑ́т'а има́ш'и идна́ кни́га, п'ӑ̣ја̀ш'и на́ кни́гата: "ч'итири́јси д'е́н'а, ч'итири́јси в'е́ч'еро́ви да п'ӑ̣ш', хич' да ни спи́ш' да така́ да ста́нам"* [MSt,53]; **5.** 'зборува' ~ *он толку гудини ка ки дојше летото ми пеише: ами јас коа ки си ом дома* [ME(P),68]; ~ *му вили́ на ца́р'у: "то́с киманиц'и́ја заш'то́ ни п'ӑ̣ј?"* (тој фактички се правел нем) [MS,t,30]; **6.** 'кога свештеникот (в црква, училиште или дома) низ пеење кажува молитва или друг текст' ~ *и стануват, си хождат на јунакова кашта, пак седнуват, јадат, пијат, ахенг чинат, дур да усумни. На понидјалн'ак рано викат попот, му пеј̣ водосвјатение, за да си чисти каштата* [V,PM,247]; ~ *пусна жената му на владиката да гу викни да пеи некоја молитва на детету* [V,PM,-40]; ~ *"ама́н, у́тра̣ ко́гу за по́ј да па́ј на ч'е́ркфата?"* [MSt,68] – има употреба на ген.-акуз. форма **ко́гу** наместо номинативната 'кој': **у́тра̣ ко́гу за по́ј да па́ј; 7.** изр.: **пее мулитва** 'кога попот се моли над тешко болен човек', сепак народот обично се ослонува на судбината: **ако има век; ако е дадено; ако има дни; не-је уф наши ра̀ци** итн. [ТГ,284]; **пеје симијна** – денот пред да се почне со есенската сеидба на жито (се вика *семе ваѓајне или семе искарувајне*) свештеникот ги обиколува куќите да *свете вода* и да чита молитва над

житото што ќе се сее, и тоа се вика: **пеје сѝмијна** [ТГ,331].

паида f 'направа за ловење птици', со **паидата** се лови зимно време; кога се лови се покрива со ситна земја, а одозгора останува да се гледа само зрното, птицата кога ќе го клукне зрното, тетивата (се прави од овчји црева) – механизмот се ослободува, и птицата останува заробена [ТГ,389]; во Кукушко го запишавме следново објаснување: *'пăи̇̀та а-пра́вме са́ми. Ќи-зе́миш а́дно да́рво куту* **купа́нка** (= коритце) и **те́ќува** (тетива ?), *ќи-нăпра́виш две крăсна́ти, те́ќуфте ќи-ј-о́пниш, ка́ ќи-зăвле́чиш ти́а крăсна́тте са́ми ќи-пл'у́снат, то́ги сă-фа́штат пи́лците. Пăи̇̀та а-курди́сувиш нă-ґу́бăрто, ус-н'а́а фа́штат пи́лци пу дво́ришта зи́мно вре́ме* [ПК,2(93)]; во Солунско: **пахи́да** 1. 'фак, стапица за глувци, односно за птици' [Сухо], 2. во Висока [Солунско]: ~ *за пилч'ă* **пахи́да**, *за мӑш'ка* **капа́н** [MS,s,78].

па́јанџ'и́на f 'мрежата што ја прави пајакот за да фаќа мушички и сл.' [MS,s,78]; и: **паенди́на** ~ *па́енку плите́ паенди́на* **[ПсС(З),66]**.

па́јанк m, zool. Tegenaria domestica 'мало животинче кое по ќошињата плете мрежи за да фаќа мушички и сл.' [MS,s,78]; и: **па́енк** ~ *па́енку плите́ паенди́на*; сп. клетва: **па́енк да та зави̇̀** (= да завршиш како мушичката што ќе ја фати пајакот во мрежата) [ПсС(З),66].

пајдо́се* pf 'заврши нешто, во случајот крај на свирките, односно на веселбата' ~ *ни́е, на̀мта, шо́ прави́не – си-игра́ја, си-свире́ја ду идну-вре́ме. Ричеја вѝќе – па́јдус. Ду-де́ситте са́тут свире́ја и чу́нки ќи-ј-пајдо́сăт сви́ркте* [БМ(Цр),206].

па́јдус m 'крај, завршеток (обично на некоја веселба)' ~ *ни́е, на̀мта, шо́ прави́не – си-игра́ја, си-свире́ја ду-идну-вре́ме. Ричеја вѝќе – па́јдус. Ду-де́ситте са́тут свире́ја и чу́нки ќи-ј-пајдо́сăт сви́ркте* [БМ(Цр),206]; ~ *на-ше́с са́ато па́јдус кажа́ га́здата; ра́но пајдуса́ме ва́адин* [ПК,2(83)].

Па̀јик top. 'име на планина во југоисточна Македонија' ~ *на ветăрут* (= северна страна) *и на зајди-слăнца са пу̀ја ут селто Пајик планина* **[МЕ(Р),70]**.

пак adv 'повторно, одново' ~ *иди́н д'е́н' ги затфо́ри ме́чката пак така́ сăс ка́мин'у, ама́ д'ăт'ату ста́на кувитли́ја, гу пăхна ка́мину* [MS,t,-16]; ~ *утрина́та пак бабата гу примени́ сос же́нски дре́хи и гу извади́ вăнка от по́ртата* [VP,M,9]; ~ *му вели на кучи̇̀ата: "ади, кучи̇̀иа, направи кучиата, да идими пак на бан'ата"* [VP,M,56]; ~ *за усăмни, за ста́ни да сă му̀ј, за пи̇̀ја кафе́, за ид'е́ л'ăп и за по́ј па́к на враш'и́луту* [MS,t,67]; ~ *с'ă јаз за т'а ку́п'а пак ама́ т'а ни пу̀ш'там в'е́јки... гу гл'е́да н'е́гувоту магар'а пак та́м* [MS,t,55]; ~ *н'ă закáраха дур у Сулу́н на ту́мбата, там н'ă пи́саха пак аш'ќе́р'а* [MS,-t,2]; ~ *гу кла́ват Ќел'е́ш'у по́фтур да пруминé; пруминá пак ут по́ртата, пак н'е́гу гу удри́ва ина́ ја́бла̀кă* [MSt,34]; ~ *"на́-ти два̀јсти ли́рă, за по́ш' пак на кафине́ту, утве́ч'ăра, кугá затáра"* [MS,t,83]; ~ *"ти кугá и̇̀ш'тиш' да сă уж'е́ниш', и́ма то́лку ца́рцка д'ăца да ста́ниш' пак цари́ца"* [MS,t,84].

пак conj: **а.** 'бидејќи, ама' ~ *ве́ли на дру́гите: "... то́ј и на́с ки ни изја́ди". Пак то́ј позна́ваши, што́*

вре́веха, фати́ да ви́ка: "ско́ру ја-де́ни, ча о́гладн'а́х!"; [V,PM,24]; **б.** 'и' ~ *са почу́ди са́мо на скалата што и ви́дел ... па́к кога́ оти́де го́ри на одаи́те, си загуби умот* [VPM,13]; ~ *оти́де при ца́рју-вите кона́ки, викна́: "о смо́кви, о!". Па́к изл'а́зи ца́р'увата мо́ма, му вели: "ко́лку га да́ваш смо́квите?"* [V,PM,29] – во контекстот кратката заменка за директен објект **га (ја)** од 'таа' во едн. се јавува наместо множинската форма 'ги': **ко́лку га да́ваш смо́квите?**; **в.** 'сепак' ~ *му вели́: "а бре́ гле́даш ли ти́а два-најсите де́лви, што са пӑлни сос алтӑни, и па́к не кӑјди́сах да да́м еди́н гро́ш за она́ја ри́ба"* [VP,M,17].

пак part **а.** за повикување: **пакти́** – во минатото жената така се обраќала до својот сопруг; сп. **ма́ри**; **б.** за засилување ~ *он пак а риче: "халал да му е на тој јунак, што цалова белото ти лице"* [MC(B),96] – во контекстот имаме уште еден случај на нерегуларна употреба на кратките заменски форми: формата за директен објект **(ј)а** од 'таа' во служба на индиректен: **он пак а риче.**

па́кус m(f) 'несреќа, штета' ~ *Ту́рцте но́го пакус прӑви́а̨, запали́а̨ се́лта, зъ̆пали́а̨ но́го нӑро́т, но́го нӑро́т измре́ тугај. Вујчи́на ка́ зе́е дӑ-фӑркат, дӑ-пу́ка̨т, сӑ-пулупи́, умре́ нӑ-ме́стто, умре́ е́ште* [BK(Шт),288]; ~ *Сӑ-збури́ли Ту́рчино и де́лт Го́це. Нӑ-мужде́л Ту́рчино до-пувла́де нӑ-де́лт Го́це. Де́лт–Го́це о-пувла́ди́л не́го. Му-зе́л но́жо, гу-зӑкла́л, г-устави́л лиша́но врӑз не́го, си-бига́л пу Го́л'о, пу-Арма́нско̆о Го́л'. И ни́што па́кус не́ стӑна́ло уф-се́лто, о́ти излизе́л пра́в де́ут Го́це* [ПК2(Крец–311)].

паксима́т m 'препечен леб, приготвен за да се користи повеќе време' ~ *"Не́мам господи́не, ниту л'а́п, ниту па́ра скаршена́". Тога́с гимици́ата извади́ две-три́ о́ки паксима́т, му даде́ и си оти́де не́три на́ Цариграт. Сас о́нова́ паксима́т живу́ваши мло́гу вре́ме и пи́таши ту́ка-та́му, да на́јди не́кои кӑсме́т* [VP,M,151].

пала impf **1.** 'бара' ~ *му вели: "нели прати ти една книга на твојта л'уба да пала една мома на Танковата ишкија и да е прилика на неја?"* [MC(B),94]; ~ *напкун ка руча, кинисал да пала Шамлијско делијче, напкун сӑ-стретаха на морската порта* [MC(B),98]; ~ *тӑрча и кажа на селото: "го отипаха на Трајко!" Напкун стана селото, сите тӑрчаха, там ми палаха ноќата* [MC(B),75]; и: **па́-ле** ~ *о́де де́к сӑ брала во̆јскӑта. Оде пра́во прӑ ца́рут, ко̆јн са́ке. Му ре́кле: "Ко̆ј ќи гу удбе́риш – то́а". Оде, па́ле, гу нӑјду́ве не́гувут ко̆јн* [ИГ,115]; ~ *чујаме да он има ... една арна трандафилова китка. Нија пак имаме едйн арйн каранфил, па дуј̆деме да са пугодме! Домаќинот им одговара: "Таја куќа што а палте, ваја е. Дилми сте фрлиле толко мирак на мој трандафил... нек сте живи вија – ќи ви гу дадум!"* [ТГ,162] – во текстот имаме употреба на сврзникот да со декларативно-интенсионално значење: **чујаме да он има** (во литературниот израз овде би се употребил сврзникот **дека, оти**); ~ *еден ден са субрале сите жита, са фал'аа сите заедно, и да не са они трабувише сӑт свет корајне да јаде... прво зафати чиница(та) – кара башак – да са фале, вил'аќи: "Мене сите ма палат. Ма јаде и крал' и сирумах... и кога са рожќат*

трабувум, и кога умират – па трабувум!" [ТГ-342]; ~ *чорбаџијке млада, ти моја агинке,[уф книга ми пише мома да не земам:[јазе да си палам млада ми дувица,[млада ми дувица сус ного прикија* [ТГ157]; **2.** 'прашува' ~ *за-кój па́ла* (= за кого прашува) [ПК,2(83)].

па́ла f 'она што му се става на коњот на грбот кога се јава, пр. дебела тканина' [MS,s,78].

палав'а́та f 'будалаштина, немирно, бујно однесување во младоста' (сп. **палаф**) ~ *"за ка́ж'иш' заш'то́, ш'то́ ти т'е́кна?!" "на мо́ју дилили́к (палав'а́та) удго́р'а ади́н ч'ув'а́к зако́лих"* [MS,t,18].

паламá́рка f 'вид направа од парче даска што жетварот ја држи в рака, на трите прсти, кога жние за да не се пресече' ~ *за ве́зма аргáтиту и стрáпувéту и паламáрка и за ж'éнат* [MS,t,66]; во Кукушко запишавме: 1. *та́-j шти́чка, и́ма три́ дýпки да́-си-кла́јш пра́стто. Ус-н'а́а са́-жни́е, ка́ ќифа́тиш, о́на, адна́ ра́кавéтка це́л пуло́к пра́ве. Уф-на́што до́л, ни́а сѐ ус-па́лмáрки жни́ја́хме;* **2.** fig. 'голема рака' ~ *ти́ па шо́ и́маш а́дна ра́ка, це́ла па́лмáрка* [ПК,2(94)].

паламида, f, **1.** zool. Palamys sarda 'вид морска риба од родот на скушите' – во минатото кога немало граница, во бурињa, заедно со сардели и лакерди, ги носеле од Солун во Дојран, Гевгелија. Денеска се користат дојранските риби (ги има со **благо** месо: **мрена, костpак, сом, крап, белуница, клен,** во другата група со **л'уто месо** спаѓаат: **црвеноперка, платица,** слична е на **црвеноперката,** само е поголема, **турна, јангула)** [ТГ,391].

палами́да f, bot. Cirsium ~ 'диво едногодишно растение, *бо́цка́т ли́стата ма́лце на́ вра́о, га́ и́ма уф ни́ските ме́ста, ме́та́р и пул мо́ж да́ пура́сне, цве́то на́ мо́жум да́ ви гу убја́снум, а́ли го́ре мо́ж да́ да́де пло́т куту ги́нга́р, куту то́пче'* [ПД(122)] – во извадокот го среќаваме (повторно) присуството на адверсативниот сврзник *али*: **цве́то на́ мо́жум да́ ви гу убја́снум, а́ли го́ре мо́ж да́ да́де пло́т**; за ова поопширно во граматичкиот дел; од Кукушко: ~ *та́-j тре́ва, га́-и́ма низ ни́фте. Она-j кут ги́нќа́р, на́-ва́ро да́ве ца́ф кут то́пкички си́ни* [ПК,2(94)].

Паланга top. 'ниви меѓу Хоџово и Вранково' (Валовишко) – од тур. *palanka* 'укрепено место, оградено со ров' [ЛИ, Ми...,169].

пала́нsa f 'рачна вага, долу има сад во кој се става она што треба да се измери' [MS,t,78]; во Кукушко запишавме: ~ *та́-j, шо́ те́гл'ат ус-н'а́а на́-па́за́ро. Она-j ус-два́ та́са. Не́кој га-ви́кат тирзи́а* [ПК,2(94)].

палари́ја f 'вид капа, шешир' [BV,123].

пала́т' m 'висока убава зграда – дворец' ~ *з'е́ва ади́н па́т', ч'ув'а́к ш'ту ни ста́пна, ути́ват, ути́ват, ути́ват .... на́ж'дат ади́н пала́т'* [MS,t,52]... *хо́диш'и, хо́диш'и, ч'итири́јси ска́ли ути́ва е́м на го́рнију пала́т'* [MS,t,53]; ~ *фа́ти сто́ри ина́ гул'а́ма ка́ш'та: пала́т'* [MS,t,86]; ~ *ути́ди на пала́т'ут и гу па́та мума́та: "ш'о́ сто́ри?"* [MS,t,,82]; ~ *ви́кнува ади́н за́би́тин ут пала́т'ут и му вили́: "на́-ти пе́т' ли́ра"* [MS,t,82]; и: **палата** ~ *и ло́ва́т. Та́ткуто ќ-о́де, де́тто ќи-пруда́ва ри́би. На́пална́ува то́рба́та ри́би, о́де кра́с-кра́лцка́та пала́та* [ДК,128]; ~ *ста́ну́ве де́т-*

то, о́де. Уддéл, ту́ка ше́ти, ф-тогра́т пи́ти, по́нъ̆тъ̆ка́ ше́ти, пи́ти и о-нъ̆йдéл Ло́ндун. Нъ̆йдéл Ло́ндун и са-пита́л дéка-j ца́рскъ̆та пъ̆ла́та [ПД,148]; ~ *му ве́ле пе́тјут* (погрешно пишува: 'на-пе́тјут'): *"Ја́с мо́жъ̆м да-напра́въ̆м една пала́та ка́ква са́къ̆м, су-то́лкъ̆ву прозо́рче, су-то́лкъ̆ва ду́пка"* [БМ(В),195].

па́лаф adj 'немирен, безумен' [MS,t,78]; ~ *фа́ти да бр̥ка пу дула́п'а, пу ќуш'а́нт'а, пу партала, ста́на али́с па́лаф* [MS,t,11]; сп. **палав'а́та**

Палахан top. 'ниви и ливади' (Кърчово, Валовишко) – според Ј.-Иванов се работи за композитум од грч. παλαιος 'стар, веток' и тур. hane (= стар ан) [ЈИ,Ми...169].

па́ле impf 'лути' ~ *пипе́ро но́го па́ле; мъ̆-пал'ат о́чте уд-къ̆де́жут* [ПК,-2(83)].

пален m 'кога говорителот не сака да го употреби зборот *ѓавол* тогаш го заменува со *пален*', сп. религиозен ритуал: штом жената – породилка ќе сети *да ја фашќат бол'ки* тогаш куќата се окадува со темјан, жената и целата куќа ќе се попрска со *света водица*, со намера да се набрка од домот оној *пален'ут* [ТГ,105] – во контекстот имаме употреба на интенсионалниот, декларативен сврзник **да**, наместо дека: ќе сети *да ја фашќат.*

пален adj 'проклет' ~ *а́ма бидéјќи и по́пут би́л не́пеан, пъ̆-зъ̆то́ и о́н му-j-нуси́л нъ̆-дéјто дъ̆-му-пéј. Дéјто и нъ̆ по́пут му прӑвéл ќéфут и ка́то нъ̆-по́п су-о́шче по́гуле́м ифтиба́р му-къ̆жувáл зъ̆-сè що-писáл у-та́ пъ̆ле́на кни́га* [ВЕв(Кал),292).

па́ли impf 1.'запалува нешто, прави да гори' ~ *ба́ба гу-па́ле о́гино* [ПК,-2(83)]; ~ *тој, кату отиде малко нетри на дупката, беши нашел една стара баба, палила една хурна да пече л'ап* [VP,M,221]; ~ *му вел'ат: "варај јуначе, как си дошел тука? не ти е страх от ламјата? Ча мајка и по-нагори ја не виде, дека палиши хурната, за тебе жив да ти испечи"* [V,PM,220]; 2. 'вжештува' ~ *тугáс ж'ината па́ли иднó ж'ел'ъ̆зу* [MS,t,78]; 3. – **(са)** ~ *порӑнчеа, л'ап да мјаси, да гу пе́чи, ама да е́ ниту пече́ну, ниту непечéну... змејут каза на неја: "Как ки мјасиш, да кладеш подницата да са пали, и да гу покриеш л'апот от гори ки са печи, от дол ки е непечену!"* [V,PM,132].

паливо́т m 1.'стар, изнемоштен вол' ~ *чини́ха двáта збо́р, пъ̆рво да дел'а́т оло́виту и кра́вите... кój добúтук ке да флéзи аф но́вијут ихъ̆р, да е́ на барли́воју си́н, кój ке да флéзи а́ф ве́ткио ихъ̆р, да е́ на умови́тију си́н. Ги удри́ха добúциту, фати́ха да флéват на́ ве́ткио ихъ̆р, зашто́ та́мо бе́ха нау́чени, на́j-по́сле еди́н паливо́т, при но́вију ихъ̆р* [V,PM,124]; ~ *то́јнака му рече́: "да ми да́иш, ца́рју, четири́јси това́ра про́су и еди́н ста́р о́л!" Ца́рјут му дадé четири́јси това́ра про́су и еди́н ста́р паливо́т* [V,PM,121]; ~ *То́о буцна́л кójно, па́ н-а́јн пъ̆рч съ̆-къ̆чи́ла ба́бӑта. Дујдéл ду-а́дна ре́ка, кójно пумна́л ре́кта, пъ̆рчо н'а-пуми́нуве. Ба́бӑта устáнăве. Удéјќи пу-пъ̆то е́дни чувéци зъ̆-ку-л'а́ли адúн пъ̆л'во́т, адúн во́л* [ПК,2-(Мор–230)]; 2. fig. 'стар човек' ~ *у-у, то́о ста́р пъ̆л'ӑво́т е́нус ќи-съ̆жину́ве* [ПК,2(94)].

па́личник m 'железен дел од ралото, се става напред за да ја сече (разрива) земјата' ~ *мӑлезн'о дéл шс гъ̆ сéче зéмъ̆та, уд го́ре пъ̆ и́ма у́шо, то́ а прӑвъ̆рнуве зéмъ̆та* [ПД(121)]; и: **па́лишник** – вечерта спроти *Бужиќ* многу малку се спие – толку *колко*

да му падне да са прачесте. Наутро рано се станува, обично прв ќе се крене домаќинот и ќе го истави од *пизул'ут* (дел од огништето) *палишникут* на кој бил наденат *караконџулут* (колач), *палишникут* ќе го однесе надвор, а *караконџулут* ќе го намести во *лајчарникут* (= прегратка во која се чуваат лажиците и ножевите), каде што ќе остане до идниот *Бужиќ*. Овој колач подоцна се употребува како лек [ТГ,85]; ~ *мури, стáни, лýдо, стани, мládo, на нúва да јóдиш [мури не си слéпа, не си нéма оти палúшник нéмам* [МЕ(Р),98]; во Солунско Малецки запишал: **пáлч'аник** [MS,t,79].

палто́ n 'горна, штофена облека' ~ *"за ми ги дад'éш' палто́, пантанóл, илéјќу, ш'úч'кит'ạ рýби за ми ги дад'éш' да такá за ти кáж'а!"* [MS,t,41]; ~ *óна, дур-д-óдăт рибáрте д-и-прудáт рúбите, идná пу идná и-спуштýва пу-пăтот. Сéа зéвăт рибáрте, óше нéвлизéни у-врáтта, му-вéл'ăт нă жéјнте: "Бýнди ви-нóсиме. Фăрлите у-фýрнăта пáлтта! Нóви нóсиме". Тúа си-и-изгурýвăт пáлтта* [ДК,118]; ~ *да ти ш'ту стăпна дóл на двóру дúрата за устáни да пу дúрата за т'ạ фáт'ат; и катрáн'у сă нал'ạпú на ранкáв'у на палтóту* [MSt,22]; ~ *невéстạта ќе-се-премéне сос џýбе – катовúја длăгите пáлтофци тýа што нóсạт у-вáс; ќе-се-премéни софустáн и кощýл'а* [ВЕв(Бар)] – интересна множинска форма: **пáлтофци**, со наставката *-овци*, што обично оди со роднинските имиња од м. род, наместо наставката *-а* со која прават множина именките од ср. род: **палта**.

палхúр m 'прозорец' (сп. **парадúр** 'таен влез, окно' – ?) ~ *навечерóт најгул'áмата сéстра сидná узат у-палхúрăт да-брáни. Около полýнош а-фатú др'ăмка и заспá. Али Гóспот дадé, да-онó вéчăр ни-дојдóха хармúјто* [ВЛ(Aj),338] – уште еден случај на употреба на адверсативниот сврзник **али** (од Лагадинско, Видоески, 1999): **али Гóспот дадé, да-онó вéчăр ни-дојдóха;** ~ *óна зé јатагáнăт и сидná узáт у-палхúрăт да чéка. Тóкмо у-полýнош палхúрăт фатú датрóпка, и мóмата дигнá јатагáнăт и застанá прáфцом* [ВЛ(Aj),338].

памбук m, bot. Gossypium 'индустриско растение – памук' [BV,123]; в. **памуклија**.

пáмит (и: **памет**) m **1.** 'разум' ~ *áма тúја дéцата и-зéл рúбăрут. Нéмăл дéца óн, сáмо со-жéна-му бúле. И кóга ги-зéл тúја дичúјната ут-идно́ мéсиц пáмет имáле запитнáјс гудúни* [ВЕв(Кр)]; **2.** 'совет' ~ *карај ме, мамо, јучај ме,[как да ја земам Лил'ана,[Лил'ана једна на мајка,[Лил'ана алтăн дивојка! – Карам те, сино, јучам те,[мајчина јука не фашкиш,[мајкина памет не слушиш,[слези се доло јов јудајче,[земај си алтăн јотвурче* [ТГ,211] – случај на употреба на именка како атрибут на друга именка (според турски образец): *алтăн јотвурче* место 'алтăнско (златно) јотвурче'; **3. изр.: то́лку му стигáла пáмиту** (= се кажува за некој што постапува неразумно) ~ *вáа му-óде нă стáпу. Зил'áва жéна-е. Стáни, бре, стáп! Стáни, óди бре истéрај крáвите! А бре, стáни нăрáни кукóшките, бре! А бре, стáни смéти! Спáни нăпрáј рýчук! Тó си стóе. Спáпу знáе? А ма зил'áва, тóлку му-стигáла пáмиту* [ДК,124]; **нé-ј тăмáм ни нă-пáмито**

(= се кажува за некој што нема нормално однесување) ~ *гу-нăпăдúх нă-нéго. И óн питýве пу-нéкуј рăбóти, áма óн бил нéшто..., глéм óти нé-j тăмáм ни нă-пáмито. Гу-нăпăдúх, вúкум: "Aj ój-си нă-нáки, тíj нé ми трéбиш"* [ПК,2-(Грам–239)]; **ймăj нă пáмет** (= внимавај на тоа, запамети го) ~ *Мустăфá му-рéкăл: "Аирлúа нéка тие, нóгу дă-ти-жúве, áма úмăj нăпáмет: мăлáчкăта ти-ă-прудáду, ă плéмнăта, áмбăру и Имúн нéти-прудáду"* [ДК,154]; **кój ти гу дáде вó пáмет** (= кој те посоветува) ~ *му-вéле: "А бе, дéте, зáшто тú нé пúтăш: вá жéнта зăшó вăрзáна-е?". – "Jác, му-вéле, нă-чýжда рăбóта нé-că мéшăм, нéми трéбăт тúа рăбóти нă-мéне" – "Ама кój ти-гу-дáде вó пáмет нă-тéбе?"* [ДК,127]; **за пáмет** 'нешто необично, што остава впечаток' ~ *тоги Април му риче: "Ки ти чинум един дослук, ке ти дадум едно ново семе от жито да го сеиш, да да чиниш ного жито". Му даде просино семе; ка го сеа офчарут, са чини едно просо за памет* [V,PM,294]; **си-клăдéк на-пáмитут** (= си помислив) ~ *ми риче́: "Ojте на-стó мéтри!" – пá, тáм úмише един-дăп. Суудéjнту на-шéс мéтра ќи-на-клáвăт на-нишáн. Ама-jác шó си-клăдéк на-пáмитут, си-вéл'ăм ам' аку-прудăлжăт сус-нáс да-úдăт тúе му-са-фăлбазáни, а аку-застáнăт тáм ни-j-упáсна рăбóтта* [БМ(В),192].

па́митин* adj 'умен, тој што расудува добро' ~ *кáк не-излéвăт пилúна от-вáрени jájца, тáка н'áма да-нúкни и мójта чинúца. Шó ќи-ги-сăдити чов'áцйти. Не-мóж да-ги-сăдат. И заварúй сăдо. Имáло и тугáj пáметни чов'áци* [ЛС(К),124]; ~ *"Ут-сéга нă-тáм, та ки-те-рăбóтта, нездвóро, рăчé, сè ти ки-вáрши кавéта". И дéтто, пáмăтно: "Ajде, рăчéл, дă-нóсум". Чукнýве пá нă-врáтта и вúке уд-нăтре цáрицта: "Ajде". Флăзéл дéтто, пудáве кавéто и гуклáва тáм нă-мáста* [ПД,145]; ~ *тóо си-j-ráне, пурăснáли гулèми тúă. Стăнáли акăллúи, пáмитни. А пă тáа сéстра-му зал'убúла-се сăснéкуј Арáпин. Ама тúă кучúнта нă-Арáпино ќо-изéт* [ПК,2(Мор-228)]; ~ *Ус-тáтку-му сă-пазáрăт: кóлко сáкиш, тóлко. "Нá-т тóлко". Гу-зúме дéтто óн, дéтто му-вéле: "Ej, ут-тéп пóучин нúм зúми". "Мóлчи бе, рéкăл тóо англújскоо тăргóвиц, ти кá-ќ-си-árин, кá-ќ-ситăкóв пáмитин нéшто, нé-т-jскăрвáли тýк нă-чáршúта дă-тăпрудáват"* [ПК,2(Ним–271)].

пампо́р* и: **па́мпур** m **1.** 'направа за превоз на патници и сл., што се движи по вода, брод' (сп. **воднjут пампур**) ~ *с'éстрит'ăму д'éн' и н'éса óш'ти ж'úви сă б'ăли, сă сл'áвали утпрăт' пампóру и ги сă пúтали капитáниту* [MSt,61]; ~ *Тó нéмjут прáве тáму идну-нúшту – пéт стутúни дă-jáдăт и дăпújăт; пéт стутúни дýши и дăспújат, ама нé пругувурýва. Мувéле крáлцкăта ќéрка нă-тó: "Jác мóра дă-гу-нájăм. Дă-ми-дáш мурнáри и пáмпур, ќ-óăм ќи-гупáлăм"* [ДК,129]; ~ *зан'éсуха варéлит'ą у пампóр'ут, трăгна за у Америкú* [MS,t,86]; ~ *и пóпиту там хазăр' , ги винч'áха и пампóру хазăр' б'ăш'и* [MS,t,13]; ~ *"алáто, рăчéл, áк сáкиш пá ки-тó вăрнум, и рăбутнúците пá ки-тú вăрнум, áма пăмпóро, вéле, мúсл'ум нă-мéне пóклун дă-ми-гу-дájш, зăтó шо-тиизл'ăкувáх дéтто, а-тú тóлко дóктуре си-искул'ál зăрди нéго"*

[ПД,149]; ~ *сă-стури́ле су-ни. Сă-рăзмиши́ле та́му. Пушчи́ле му́зикăта и ти́а, димéк, нóгу а́рна му́зика има́ле.* – *"Дă дóјдите!, му-ре́кле, дă-ви́јте шó му́зика и́мме и шó јăдéјне у-па́мпурут. Па́мпурут у-мóрто* [ДК,131]; **2.** 'превозно средство што се движи по шини' (сп. **карапампур**) ~ *еминки втасиме на Одеса (заjднăш ут карапампур да флезиме право) – изливајне ут пампурут и уливајне уф воднјут пампур* [МЕ(Р),68]; ~ *"Е-шó тăка́?" – "Ми-бижа́нци сме-ни́ă, нă-адни́ тăргóфци кăра́ме сто́ка, зă-па́ри. Не́ ни-сă-пла́ште нă-пăмпу́ро, тăка́ ки-с-о́јме пе́ш"* [ПД(172)]; сп. **макина** [ПД-(129)].

пампри́ца* f 'дел од воденицата, парче железо углавено во горниот камен, тоа го врти каменот – прплица' ~ *иди́н и би́л вудинч'а́рин и уч'е́л иди́н ч'ифч'и́ја тамóкул вудини́цата, му ја уткра́ва пампри́цата* [MS,t,43].

памукли́ја adj 'нешто (пр. облека) што е ватирано со памук, памучен'; сп. – *русалијата* е вака облечен: на нозете има *пинци, чурапе* или *убијала*, кои што добро ќе му ги чуваат нозете да не му се *подбијат* од играње; потоа има *бели зиври* (тесни бели панталони, припиени до месото), над кои се спушта (од половината до колената) фустан со густи бори од *бочници* (парчиња од кои е сошиен фустанот), преку половината има **појас**, потоа **памуклија дулама** и одозгора **џамадан** или **купаран** [ТГ,224]; в. **памучин**.

памучин* adj 'нешто направено од памук' – кога младата невеста ја дарува деверот, *пусестримте* ја пеат оваа песна: *"јубујаја ти, моме, памучни чурапе,[јуд јунак купени, јуд девер дунсени![јубујаја ти, моме, кундуре, папуци...[јуд јунак купени, јуд девер дунсени"* [ТГ,179].

панаги́р m 'голем пазар што се одржува еднаш (или два пати) во годината, за време на некој празник, пропратен со народна веселба' ~ *мло́гу сă упла́ш'и, даш'о́ ра́нуту б'ăш'и панаги́р: ни́ту по́п, ни́ту дја́к ... ш'и́ч'ка умр'ăнта идна́ ку́па* [MS,t,70]; ~ *а о́н, сирума́, нима́ше рудни́ни д-о́де и дă му-гре́дăт у-го́сти, а и нима́ше џами́а, бăрем дă-сă-пукло́не. Ко́га и пуле́ше сил'а́јнте ка́ко сă-бе́рăт и си-о́дăт пу-го́сти, на-џăркфа и нă пăнăги́ри, но́гу ме́рăк му-устăна́ло* [ДК,153]; ~ *на Бугаричкото пăтче отидохме на панагир* [МС(В),77]; ~ *уф Стујáкăво го́стаа, пра́ваа курба́н два́јсăт-три́јсăт ку́ки. На пăнăги́р о́ат на "Пре́света"* (се мисли празникот или на црква Св. Богородица?) [ИГ,118]; и: **панаир** ~ *от гудиниту сетне за дојди един панаир, да речеме Богородичин ден. Тогај пак јунакот за викни роднините му. Ки си собрат десетина жени да подат на повиш, за занесат една зја папуци, скахуни, шамии два, фес, ририф, един крондир вину и един ракиа и алтуните* [V,PM,246].

пана f 'подолго дрво, прат на кој на едната страна има прицврстено крпа, којашто служи чистење на фурната во која се пече леб' [BV,124].

панагон m **1.**'кога врз добичето, освен товарот што го носи од двете страни, се додаде уште нешто одозгора врз самарот' ~ *би́л еди́н-риба́р и оти́шăл да-продáви ри́би у-едно́ се́ло. И на-пăтут ка-о́дил а-на́шăл една́ леси́ца и си-а-фăрли́л нат-пăнăго́нут* [ВМ(Сар),316]; ~ *не́кој сирма́х чуве́к купи́л ри́би, ќи-ј но́се дă-ј прудáве пу се́лта. Пу-се́лта зăвуде́л си ко́јно, во́де си ко́јно и*

на пъ́то гле́дс адна лиси́ца сă-напрăви́ла у́мрăна."И-и, ебáа, дéк умре́ла", ре́кăл. Фа́ште, фăрл'у́ва: нă-пăнăго́но нă-ко́јно [ПК,2(225)]; ~ *то́-ј ка́ ќи-кла́јш нă-мăга́рто, ка́-ј тува́рно о́ште тува́р*, пр. *ту́рјоо дéтто дă-сéдне нă-пăнго́но;* – **в среда пред свадбата** другарите на младоженецот заедно одат в планина да берат дрва за потребите на свадбата. Навечер кога се враќаат врз самарот одозгора, меѓу товарените страни ќе стават по една зелена смрекова гранка, зашто "не е убаво" кога е свадба да се носи само суво [ТГ,159]; **2.** fig. 'неочекуван психички притисок' ~ *ма́лко ми-сă мо́јте гăјли́на, сјáа пă и ти́ ми-дујдé нă-пăнăго́н* [ПК,2(94)].

пана́да f 'петно, дамка'; сп. **панадли́ву ли́ци** [MS,s,79].

панадли́ву ли́ци 'лице покриено со (жолтеникави) дамки' [MS,s,79]; во други источни говори (пр. струмичкиот): **дамкил'а́во ли́це**.

пангар m 'маса в црква, близу до вратата, таму се остават свеќите и *нафурата* (= мали парченца леб над кои попот пеел молитва)' – првиот ден од празникот *Бужи́к*, откако попот ќе прочита: *"Днес Христос рождаетсја..."* и откако ќе заврши литургијата верниците почнуваат (прво мажите) со причесна. Прво ќе им даде попот винце со лажиче, а потоа земаат од *нафурата*, што стои (како што рековме) на *пангарот*. Оние што не се причестуваат ќе се соберат околу црквенските "двери". Попот ќе го симне *фелонот*, ќе го земе молитвеникот и за сите ќе прочита заедничка молитва за опростување на греовите, при тоа споменувајќи им ги имињата на верниците: *раб божји Јован, раб божји Стујан* итн. [ТГ,86]; ~ *кут сăндăк-е́ј* (пангарот), *ма́са, сто́о уф-цăрквăта ду вра́тта, нă не́го сто́от свéќте* [ПК,2(94)]; и: **пингар** – на *мртвин* жените си ги земаат своите *санове* (садови), во кои ги однесле литургиите, излегуваат надвор и секоја пак остава по една литургија на *пингарут* [ТГ,32].

Пăндăли́ув 'фам. име запишано во Кукушко' ~ *Ут-та́м се́тне, најдéх адни уд-Мо́крине, нă-Пăндăли́уф Ману́ш пръ́ф бăрчéт. А нáјно́го мă-ариса́ уф-Лагади́на, не кут уф-Мура́рци. Ут-Су́хо на-ва́ки чи́сто макидо́нцко си-гувóрат, дур по́а́рно и уд на́с* [ПК,2(Крец-308)].

Пандилимон 'име на празник' – тоа е лесен празник, го празнуваат само жените: не перат, не месат и не се чешлаат. На *Св. Пандилимон* штрковите полетуваат на југ, терминот е многу прецизен (27 јули, ст. стил) и по тој ден не останува ниту еден штрк [ТГ,74].

пандо́фли (dem. **пандофлички**) pl (ед.: **пандо́фла**) **1.** 'влечки, домашни обувки со високи потпетици' [MS,s,79]; ~ *Бог да јобије, мамо, кундурџијчето![што ми прави, мамо, пандофлички,[што ме ного стегат, ох јоф прсти,[ох јоф прсти, мамо, чак до пета* [ТГ,39]; **2.** fig. 'погрден израз за жена' ~ *зă-а́дна пăндо́фла мă-нăпрăви́ со́л' и во́да* [ПК,2(94)].

пане́р m 'плиток сад од плетени тенки гранки, излуштени, има 2 рачки од страна' ~ *ќи-го-кăрстат на-цăрква, ќи-до́јдат до́ма, пре́т ру́чек, до́ма, кал'та́тата, па-го́сти. Ехе́, ко́лку и́маш ро́да, то́лку го́сти. Кат-на-сва́дба. Па-це́л пане́р да́рави. Па-си́ти ги-изда́рихми* [ЛС(К),136].

Панол 'м. л. име запишано во Долновардарско' ~ *самови́лата сега́, за да са причу́и на цáрјут, оти́де и́ му*

вéли: "цáрју, ти са мóл'а да ми дáдиш вáшто кúло да мéрими алтăните, што земáхми от лозјáта хák сóс мój брáт Панóл". И цáрјут са почýди, от дéка тóлку áлтăни фати [V,PM,140]; ~ *му вéли: "цáрју, јáзе дојдóх édин лáф да ти кáжа, ама не знáм далú ка си погоди лáфот ми". Цáрјут га вéли: "кáжи, Кирá Мáргу, штó сáкаш?" – "Цáрју, твójта мóма да га дáдиш нá мój брáт Панóл, бúва ли, не бúва?"* [V,PM,140].

пантанóл m 'дел од облеката со кој се покрива долниот дел од телото, панталони' ~ *за ми ги дад'éш' палтó, пантанóл, илéјку, ш'úч'кит'ą рýби за ми ги дад'éш' да такá за ти кáж'а!"* [MS,t,41].

пантúч'ка f 'тешкотија, мака'; односнава форма Малецки ја наведува од с. Сухо, додека во Висока заблежил: **пăнтич'ка**, секако ова е резултат на блиската зона на артикулација на неакцентираните **а** и **ă**, но поблизу до **а** и оттаму **пантúч'ка** [MS,t,79].

панýкла f 'некаква болест' [MS,t,79]; ~ *"да ти кажјам, кадиа афендиа: едно времја имало вăрла ч'умá и панукла, ч'укаши по селото. Та тогас тáтко ми и сичката тајфа и сел'ани изл'азоха на нашта нива на бижин'а и тамо отиде панукла; сичките сел'ани беха умрјали"* [V,PM,182]; во Солунско: 'некаква зараза'; Будишевска како најраширено го наведува значењето: 'болест чума' [BS,125]; во Гевгелиско називот е регистриран со подруго, веројатно вторично значење – 'навредлив збор': нечиста крпа за бришење, пачавра, вошка [ИГ,127]; слично значење регистриравме во Кукушко: ~ *шó-с сă-нăтукмúла мăрú пăнýкло, сè нă-гутóво чéкиш, кá сé-ј нăтукмúла алúс пăнýкла* [ПК,2(94)].

Панукли́с top. 'рамни ниви', од диј. *панукла* 'чума – грц.' (Грачен, Зилјаховско) [ЈИ,Ми...169].

пáнцерă f 'железна облека што во средниот век ја носеле рицарите за заштита на градниот кош' ~ *нą ýтрăта дéн сąбáалинта, пá сă фáшќăт, сă бóрăт ду вéчăрта. Пá нă мужéл дą нăдвúе ни́ тóа, ни́ тóа. Тóа, рéкла, Кąрá-Џиндéм е ąдна мóма – дујнá-ѓузилúјка. Нóсе бăнsăр-кушýл'а (пáнцерă)* [ИГ,113].

панцак m 'горна облека за од дожд' [V,PM,376].

п'анц'ар m, bot. 'вид зеленчук, со корен што се јаде – морков' [MS,s,79].

панцурјут m 'абажур, драперија' [V,PM,376].

папага́лу n, zool. Psittaci(formes) 'вид птица со многу шарени перја, донесена од тропските краишта, се чува во кафез' [MS,s,79]; М. **Малецки** во Висока (Солунско) ја запишал множинската форма **папага́луфци**; употребата на наставката **-овци** (-**евци**), што обично оди со фамилните имиња (*Велковци, Петревци*), во односниов случај може да се објасни како "нагодување на имињата на домашните животни по образец на личните имиња", во таа смисла проф. Конески ја споменува множината **сивчевци** како синоним на 'волови' според еднината **сивче** (име на вол).

пąпąдúą f, bot., Anthemis nobilis [ЛС(К),-96].

пападúјка f, zool., Julus terrestris 'стонога' [BV,125].

пападúјка f, 'жена на поп', в. **пападjá** ~ *тогáс мój земýва едúн чингéл, отúва на бунáро, фăрлú чингéл'ут и велú на пападúјката: "пападúјка, далú úмаши пóпот брáда?" – "Ам кák,*

бре́ сúнку, пóп бúз брáда бúва ли?". Тогáс извáжда от буна́ро од козáта главáта. Пападúјката велú: "не́-ј тáја глáва на пóпот?" [V,PM,125] – во контекстот има 2 граматички посебности, првата се наслонува на балканската јазична алијанса: употреба на предлогот **од** со посвојно значење (како што е впрочем во западното наречје): **извáжда от буна́ро од козáта главáта; втората: е** употреба на номинативната форма со значење на вокатив: **велú на пападúјката: "пападúјка, далú úмаши пóпот брáда?"**

пападја f 'жената на попот' [MSs,79]; *~ тогас, кату видоха попот и пападјата, ча аргиса детенто, отидоха да го брăкат; земаха и едно шише жјува вода сос них, да му са нава, ча, ако најдат детенто мартво, да го ужјувјајат* [V,PM,226]; *~ тогас дојдоха на самовилцката река. Тамо имало млого хубаво место зелено, и легнал попот малко да поспии; пападјата седјаши тамо. Дека седјаши, дојдоха две змии, да фатиха тамо да са борјат* [V,PM,216]; *~ попот и пападјата кату земаха писмото та видоха, ча нихното дете да и станал цар на самовилите, станаха, кинисаха да гу терат* [V,PM,216] – во материјалот има уште една потврда за употребата на сврзникот **да** со интенсионално-декларативно значење, наместо 'дека': **видоха, ча нихното дете да и станал цар.**

Папазќој top. 'име на с. во Драмско' = **Попово Село** (грчко-турска комбинација) [ЈИ,Ми...170].

папарига f, bot. 'растение со лисја што на допир со кожата парат – коприва' ...

Папазќупрју top. 'дрвен мост на р. Места кај с. *Папазќој* на некогашниот пат Кавала–Драма' (= **Попов мост** – грчко-турска комбинација) [ЈИ,Ми-...170].

папија zool. Anas 'шатка' *~ тука се плодат ногу лиут, така има ут пилците лиутут шо се јада: диви папиј* [ME(P),76]; во Гевгелиско **пáпја** [ИГ,127].

папијна глава f, bot., Helleborus odorus 'цвеќе со голем цвет, средишниот дел е жолт и високо поставен, жените го носат в црква' [BV,125].

папијче* n, zool. dem. од **папија** (Anas), се случува на кокошката кога леже врз своите јајца да и подметнат и јајца од **папија**, и ќе се изведат **папичија**, коишто за недела, две ја напуштаат квачката [ТГ,402].

паплама* f, bot. 'вид покривач' *~ заедноч т'анака фăрли рăката ú на врăх папламата, суфати кепету от негу, и така остана тојнака на мигдан* [V,PM,34]; М. Малецки во Солунско запишал: **пáплума** [MS,s,79].

папла́чка f 'стара баба' (пејоративно) [ЛС(К),94].

папр'ак (и: **паприт'**) m, bot. Nephridium filix mas (Filicinae) 'вид растение, вегетира на високи, планински места – папра' [MS,s,79]; в. **папăр.**

пáпса (и: **папца**) pf **1.**'престане некоја активност, се смири' *~ Па он а флéгал уф иднó каúк, шо бéши ут Сúмона, му пúта на нéгу да гу влéчи мáло нúшт'о пу сýхуту, и засиднá, си прикажýваши уф каúкут на инсáнут. Ка си папсá вики да прикажýва, ричé на Сúмона: Влéчи гу сéја на дăлбóко* [MV(K),272]; *~ ширлаанџúата му дадé еднá парá, и тójнака фатú да свúри. И когá фатú ширлаанџúата да скáка хóро, кóн'ут игрáиши, кáминиту и дăрви игрáјаха, мéховиту сóс ширлаáно*

пaднáха на зéмја, са тýрна ширлаáнот кóн'ут и побéгнал. Фати ширлаанцúата да са мóли на барлúвоју да пáпса [V,PM,126] – во контекстот имаме потврда за обопштената употреба на множинската наставка -и и кај именките од среден род: **дáрви (кáминиту и дáрви игрáјаха)** ; ~ *станáха сички на мóлба, да са мóл'ат на Бóга... л'у фáти óн да си мóли, фуртýната пáпса, и са умирú морéту кату напрéт* [V,PM,23]; ~ *колко дăжд и дăждало, не можа да го накăсни него. Кога папса дăждот, тој си облече пак сос дрехите му, като он беши сух, а не мокар* [V,PM-200]; ~ *вели: "свирка сакаш, свирка за ти дам, ама ако можиш да ја чуваш, ча тиа свирки кога ки фати да свириш, што нешто има по земјата, или земја, или камин или добитук или човек, сичка ке да играт и, дур не папсаш свиринето, неште си запрат"* [V,PM,230]; **сп.** уште: **папсá булáфте** (= се смрзнија болките) [ПК(Грам)]; **2.** 'се измори' ~ *Гу играе куту пăртáл уф-рăцте. Гăјрéт, гăјрéт, дéтто сă усúл'ăве, Јарăм-Минăрéту пăпсýве. Сă бурúл'е óште и Јарăм Минарéто пăпсáл. "Нă мóжум, рóп сум на тéбе, кýлле"* [ИГ,113]; ~ *Кá пуглéдњуват сел'áнто: нă-măгáрто вăлк. "Брéј, вăлк, гл'ăдájте, вăлк, дăржájте". Удрăт ус-стáп, ус-кáмăне, ýдрăт, гу-прăтéпăт. Избигáл пá. Избигáл ама глáдин, папцáл векé, нă-мóши д-óде. Уддéл нă-нéкуј прúпик нéде, нă-нéкó слáнце. Прăпéчуве се ду-édно лóзе* [ПК,2(216)]; сп. ~ *ут пýсти тит'ýн дéцта ми-папцáа* (= од работа на тутунот децата се преморија) [ПК,2(83)].

пáпсува (и: **пăпсýве**) impf 1. 'се уморува' ~ *Кă фáшкăт д-сă бóрăт, Јарăм Минăрéту сă умóрúл. Гу играе куту пăртáл уф-рăцте. Гăјрéт, гăјрéт, дéтто сă усúл'ăве, Јарăм-Минăрéту пăпсýве* [ИГ113]; ~ *и гу фáтат, гу клáват хапăс и н'éгу и тóј хúч' ни пáпсува плáч'ин'éту у апсанáта* [MS-t,25]; и: **пáпсова** ~ *брé пará му дáва, брé нé знáм што му дáва, óн нé пáпсова, л'у му вéли: "дурдé нé битúсам кајдúата, не пáпсовам!" О-тáмо грăнчáринот и ширлаанцúата отúдоха на кадúата, дававúи са чúниха* [V,PM127]; **2.** 'прекинува' – в. **папса** ~ *дрýгиjу мăс гу рáбутúхми, д'éсит' днú завúра пáтусу и дувúр'а (пáпсува вар'ăниту)* [MS,t,4]; ~ *и гу фáтат, гу клáват хапăс и н'éгу и тóј хúч' ни пáпсува плáч'ин'éту у апсанáта* [MS,t,25].

папýле n 'деденце' (sic?) ~ *иднó вр'ăми úмаши иднó папýле и иднá бáба. Папýл'то úмаши удóл у-кăштта-му иднó дукáнче, úмаши и трú штéрки... хармúјто... фатúха кáта вéчер да јáдат и да-му-пл'áнат дукáнăт* [ВЛ(Aj),338].

папýци pl 'кожени обувки, чевли' – во селата (Ник и Пат), во градот Дој: **имúни** [ПД(118)]; ~ *такви папуци да ми направиш, што са мажат буја, уд четири миплика една кутијка, и да лăскат, сус високи тупуци* (потпетици) [ТГ,134]; ~ *малој моме дост јубава,[пре ког легниш, пре ког станиш?["Пре мама легнем, пре тате станем"... малој моме, дост јубава,[кој ти јубујве кундур папуци? – "Мама ми јубујве, тате субујве"* [ТГ,370]; ~ *утúди у касабáта да си стóри лýстру папýцит'ă* (отнде во градот да си ги исчисти кондурите) [MS,t,68]; ~ *пишúн ќи дóăт линáрќи, двăнájсăт*

же́ни (армаса́рки) пу ма̀ле́чкут ниша́н. Де́сит ду́ши армаса́ре; све́курут, де́вирут, ќи дунесăт алтăјне, пăпу́ци, купри́нин кăврăк, шăми́а, ко́лба, се́нка, спăле́то [116]; ако плаче некое дете за да го смири мајка му ќе му зборне: *"Ја го дедо Бужиќ иде сус криво магаренце; ки ти дунесе: бобо, дулама, папуци, фес сус пискул'. – Ако не молчиш, ка ки чује отиш плаќаш, ки са нал'уте и не ти дунесуве ништо!"* [ТГ,84]; *~ тој е би́л папучи́а, карпа́ч, што-то излева́ши на чаршија́та, кăрпиши папу́ци* [V,PM,16]; *~ сто́р'ạха мухабе́т и сл'а́зи да си по́ј д'ăт'ạту, ги изваж'да папу́цит'ạ ут нугата* [MS,t,22] – обичен превид: множинската форма **папу́ци** е во конгруенција со зборо-формата **нуга́та**, којашто е во еднина. Поретко ќе ја сретнеме и еднинската форма: **папуц** *~ и оттам отиде на бунарот, да напуи кон'ут. В бунарот падна златнојут папуц, нетри го оставила тамо, и пак отиде дома на јасилот* [V,PM,206]; *~ и рибата гу зема пак на гăрбо и гу промина оданат. И л'у дојдоха на крајта, тојнака от страх га удри рибата сос папуцут на гăрбо. Раната оној час пукна, и уздравјала рибата* [V,PM,100]; во Речникот од Зборникот на Верковиќ: **папуц** 'лесна обувка без петица' [V,PM,376]; од Кукушко: *пăпу́цо ме́-ј răспо́рин;* и: *пăпу́цта ме́-ј răспо́рна* [ПК,2(95)].

папучи́а m 'мајстор што поправа чевли, кондураџија' *~ от та́мука оти́де и на о́ној негоф прија́тел папучи́а, му дадé... што́ зема́ на за́им му дадé и фајда́та* [V,PM,19]; *~ тој е би́л папучи́а, карпа́ч, што-то излева́ши на чаршија́та, кăрпиши папу́ци* [V,PM,16]; во Солунско е регистрирано: **папучи́ја** [BS,126]; в. **пăпучăр**.

папучлук m 'договор меѓу родителите на девојката и на младичот околу даровите што треба да ги приготват за свадбата' (сп. **папуци** = кондури) *~ тогај една нидел'а напрет папучлук за отсекат. Седнуват сички, збор чинат, секој што за му текни. Тогај за фатат збор да чинат за бракот. От јуначката страна говорјат на дивојкината страна: "е! сфато, сега што сакати, вашо милос?" И тој вели: "јазе имам ету толку деца, на сите по еден чифт скорни, толку дивојки по една зја папуци, на жена ми и на двете лел'а папуци"* [V,PM,246].

пăпу́чки pl, dem., в. **папуц** *~ дујдéла кăрăко́џулта: "Чéшăл, пéшăл дивójко, утвóри-ми врáтта, ќи-ти-мóтум црéвата ут-кóл нă-кóл, ут-кăмáра на-кăмáра". Ар-áма, кýчинцто, мáчинцто и питéлчто кăжáл: "Ар-áма, ká ќи-дójш нă-мóмăта ќи-дунéсиш спрéма, сúчко ќи-дóнциш, ду-чурáпче, ду-пăпýчки, ду-фустáнче, ду-сúчко ќи-дóнциш* [ПК,2(Иц-285)].

пáпцин adj 'многу изморен' *~ сă-вăрнáа пáпцини, тýтким дă-сă лóзе купáли* [ПК,2(83)].

папăр m, bot., Nephridium filix mas 'тревно растение, без цветови и семе; го има од различни видови – папрад, папра' [ПГ(Ф)]; в: **папр'ак**.

пара f 1. 'монета, стоти дел од некоја парична единица' *~ на богáтиот му си не дáваха тóлку пáри, та затовá чáкаши за да га зéми за трјси пáри рúбата* [V,PM,17] – посебност во збороредот: глаголот и заменката се разделени со негацијата (**му си не дáваха**); *~ дéтто му вúке на вýјку-му, кă видéл пăјтóнут óт úде узгóре:*

"вóа ќи мā кýпе мéне, да сáкиш нóго пáри билé (барем)" [ИГ,111]; **2. пари́** pl 'монети, вредносни предмети од хартија или од метал' (множинската форма се употребува многу почесто отколку еднинската, освен во изразите и затоа Малецки ја третира како pl.tt.) ~ *и Настрадúн-хóџа з'é парú ут думá, утúди на пазáру, да си кýпи другу магáр'ą* [MS,t,55]; ~ *утúвал пујнó вр'ăм'ą за да рáбути и гу стр'ăл идин харамúја на пăнт'ó и му брăкаш'и парú* [MS,t-18]; ~ *ви сă мóл'а млóгу, дад'ăти гу на м'éн'ą заш'тó јас ич' н'éмам мáлки, кóлку парú ѝш'тити за ви дăм!"* [MS,t,16]; ~ *тýрскăтą парă ни сą кăтă тýкашнăтą* **[ПсС-(З),64]**; ~ *и з'éва инá тóрба парú и трăгнува* [MS,t,9]; ~ *дéтто му вúке нą вýјку-му, кă видéл пăјтóњут óт úде узгóре: "вóа ќи мă кýпе мéне, да сáкиш нóго пáри билé (барем)"* [ИГ,111]; ~ *му нагутф'óва инá камúла, му тувáра вóда, инá камúла л'áп и инá камúла парú* [MS,t,14]; во Солунско и Кајларско како множинска е регистрирана формата **парă(а)** : ~ *му вилú: "áку úмаш' парă, да ти дăм мл'ăку"* [MS,t,80]; ~ *му р'éч'и на д'ăт'ąнту, кóлку парă за úш'ти у гудúната?* [MS,t,81]; ~ *крáлцкăта ќéрка мувéле: "Дáли бúло кăсмéт рибáр су крáлцка ќéрка дă лéгне?" И дéтто ооор, му-сă-рăсипýва ќéјфут. И кăко лижáле, тáка нé мăрда. И кăди-пóл нóш шó си-имáл нúку пáра – шшит. нă-бигáјне* [ДК,128]; ~ *"éзми си и тýс синдýч'ą, нăтр'ą ти-сă сúч'кат'ą парă!"* [MS,t,84]; сп. верување: за празникот **Вудици (Богојавлење)** народот мисли дека на полноќ **се** *отвараат небесата* и дека тогаш секој ќе го добие она што ќе го посака. Приказната продолжува како некој чекајќи го тој момент од возбуда се збунил и наместо да побара од Бога *кутал пари,* побарал *кутал глави* [ТГ,25]; **3.** изр.: **нă-пáрта пýл нé сă вúке** (= за некого парите не значат ништо, т.е. троши многу пари' [ПК-,2(185)]; **прăбúјна пáра нéма** (= нема ни динар) ~ *уф-џéбо прăбúјна пáра нéмум, а сáкум ус-другáре уфкаавинéто дă-флéзум* [ПК,2(188)]; со исто значење: **нимáл скăршена пáра** ~ *идну-пăтник óдăл нă-гурбéт. Пу-пăту влéгăл у-иднăăшчúлница зă-дă-кăсне нúшчо, áма нимáл скăршена пáра* [ДК,155]; **пáрта тéче куту вóда** (= парите многу брзо се трошат); **пáра нămóж дă-зăвăртум** (= имам многу трошоци, не ми останува ништо); **пéт пáри нé дáве** (= не се секира) ~ *óна сј-о-глéде кéјфо, за дéцта пéт пáри нé дáве* [ПК,2(188)]; **парú сéче** 'брзо се збогатува' ~ *нашиот базирѓанин (сака) ... тенко кату камуха, штото мăра дрaмови да има, млого пари да сече* [V,PM,178]; **шчó пáри врéдите!** (= колку сте силни) ~ *като ја-видéла че-úде лáмјата, зафатúла да-плáче и му-капнáла на-дéтто еднá сăлза и станáл. Дéтто је-рéкăл на-мéчката, на-вăлкăт и на-лисúцата: "А да-ве-вúдам сегá шчó пари врéдите?"* [ВС(Гр),295]; **пáри, пáри, до-пупáрат** (блага клетва – пр.: ја кажува мајката кога синот постојано бара пари).

парá conj **а.** 'отколку' ~ *"пóхýбав'ą н'éка си бúх у хапсанáта, парá сă тýк ш'ту л'éгнах на тóс ухтиќáсан кривáт, áх, ýх!"* [MS,t42]; ~ *му р'éч'и : "н'ăј пóхýбав'ą да гу úмаш' кадúјата аратлúк парá мелезúму?"* [MS,t,56]; **б.** 'освен' ~ *"на т'éб'ą другá џ'изá н'éма за ти дăм парá,*

за ти гу в'е́на ш'и́ч'куту има́ни" [MS,t,48].

пара́-ба́ба f 'мајка на баба, пребаба' [ПК,2(95)].

паравѝди* pf 'превиди' ~ *и јас ви́д'ах, паравѝд'ах и ве́л'а на ма́јка: "јас за си по́да у Сулу́н па́к!"* [MS,t,2]; ~ *ви́д'а паравѝд'а мума́та ути́ди, фл'а́зи н'е́тр'а у буна́р'у* [MS,t,61]; ~ *падариту видоха, паравидоха, ча не излева на главица сос букосвиец, си закăлнаа за тјахна господарка: они ке да кажат на неа, ништо да не чини на авџиолиа* [V,PM,55].

парагон m 'букет' (од цвеќе) [BV,126].

пара́-де́до m 'татко на дедо' – во однос на децата од внукот ~ *а́с му-су́м пăра́-де́до нă-ти́а де́ца, ну́ци и о́на-ј пăра́-ба́ба, ут ну́к ну́к, тре́то куле́но, три по́иса* [ПК,-2(243)].

парадѝс m 'орр. на пекол, рај' ~ *"ш'то ји нузи́ та́м на стр'а́ш'та?" – "но́с-и парадѝсу!"* [MSt,60]; ~ *ути́ди да ти напра́ви пăнт', да ти утфо́ри и по́ртата, да по́ш' пра́в'а на пара́дисути* [MS,t,57]; ~ *дја́вулу иди́н д'е́н' уткра́ва ина́ ја́блăка ут пара́диса и исл'а́ва на зим'а́та* [MS,t,30].

парадо́са pf 'предаде' ~ *у тимел'у да ја фа́ти ш'и́ч'ко да битѝса, кл'у́ч'увету на ра́нката да ги парадо́са и кла́ди* [MS,t,19].

паракав m 'седенка; насобрани девојки навечер во некоја куќа, каде што работат, се веселат и сл.' ~ *кумшиите тогаш имали адет, л'атото клавали слама кату врашилу та запал'уваха га, паракамновали, да им свети...и момата си научила, сама хождаши на паракав сос друшките да принде* [V,PM,205].

паракамнова impf 'учествува на **паракав**' (= седенка – насобрани девојки навечер во некоја куќа, каде што работат, се веселат и сл.) ~ *и таја мома сос мајка и хождала ката вечер да паракамнова, да принде вăлна; и момата си научила, сама хождаши на паракав сос друшките и да принде* [V,PM,205].

паракини́са* pf 'покани' ~ *и сă наближи́ле на се́лото шо сака́ле да хо́дат, па о́н си разделу́аши по́дале́ку да си хо́ди. Да му паракини́саа (гу ка́ниа на не́гу), и гу ве́леа: Се́ди су на́с, е́ту замрăкна́, и пумина́ де́нут* [MV(K)334]– уште еден случај на нерегуларна употреба на заменските форми: кратката форма за прав предмет **гу**, наместо дативната 'му': **гу ка́ниа на не́гу, и гу ве́леа** (м. 'му велеа'); освен тоа предметот се јавува во придружба на предлогот **на**: **гу ка́ниа на не́гу.**

паракли́с (и: **паракли́ш'**) m 'мала црквичка' [MS,s,79]; освен во Солунско називот е запишан и во Воденско [BV,126].

Паралијката top. 'ниви и чешма' (во околината на с. Куманич, Драмско), од диј. *паралија* 'софра', во грч. 'рамно место покрај морски брег' **[ЛИ,Ми...170]**.

пара́ки'ину n 'лага' ~ *Кади́јата му вили́ на н'е́гу "н'а́ј пара́ки'ину, ш'ту ти вили́..."* [MS,t,57].

паралắја adj 'богат' (тој што има многу пари) [BV,126].

па́ра-ма́јка f 'маштеа'; в. **повто́рена ма́јка** [ЛС(К),94] (в. **пара́-де́до**).

парама́на f 'гувернантка, домашна помошничка' [MS,s,79]; ~ *от два месенца сетне чилиби Теодорак фати една хизмиќарка дивојка и една стара баба на дома му, да седјат с невестата му кату пара-*

мана [V,PM,164]; ~ *Господ му даде по едно по едно три деца. Царјут чини едни кула висока сос џамови и ги затвори нетри аф кулата сос една парамана и трите деца, и ги храниши сѐ месо без кокали* [V,PM,50] – плеонастичка употреба на предлогот **по: му даде по едно по едно три деца**, наместо: 'едно по едно'.

параном* m 'прекар, презиме' ~ *сега правихме свадба нија на селото, сă женише един, братовчед мој от стрико, дете Георгие, параномот дедо Мел'ув* [MC(B),92]; в. **пăрмóн**.

пáрaнýк m 'превнук' ~ *уд-нýкут нýк сă-вúке пáрaнýк* [ПК,2(83)].

парапунúсану д'áтт'а 'тажно, расплакано дете' [MS,s,80].

парапýну n 'жалба, тужба' ~ *стóрихa дрýгит'а бакáли парáпуну на цáру* [MS,t,28].

парасéстра f 'присестра, таа што не е вистинска сестра' [BV,126].

парасúн m 'тој што не е вистински син (во однос на еден од родителите)' [BV,126].

пaрaскúнкa f 'крава што се тели првпат' [ЛС(К),96].

перасол m 'направа со која човек се заштитува од дожд – чадор'; со исто значење и: **с'áнка** [MS,s,80].

парáтáтко m 'тој шо не е вистински татко, притатко' ~ *и тáтко-му (на-нéго тáтко-му сéга), нé твá парáтáтко, тáтко-му. Вúка:"Слушајти сúн'о, едикójси м'áсто úма хрáна, ки-зéмити камúлити, кóни, шо-бúло, ки-óдити, парú éви* (= ете ви)" [ЛС(К),112]; ~ *"ут-кăде, кáко вúе знáете óти ви-и-мájка?" – "Тáтко-ни ни-кăжýвăше, тó шóни-и пăрăтáтко. Он не-нáшол пу–Вáрдăр у-сăндукут"* [ВЕв-(Кр),302], в. **повтóрaн тáткo**.

паратúр m 'прозорец, окно' ~ *и они калугери дојдоха на нос грат. Момата ха виде приз паратирот и му вели на нејн мăнж: "ету, глендаш тиа калугери, што шетат по тука? Наши л'уди са. Татко ми ги пусна да на терат"* [V,PM,238]; ~ *тогас тја изл'ава приз паратирот нетри на бахчата, фашта, си изважда кýркот, гу остаја тамо, изл'ава сама на сокáкут* [V,PM,235]; ~ *царјувут син дошел от кавгата и питал за момата; му рекоха: "побегна приз паратирот на бахчата". Отиде на бахчеванџијата царјувут син, му вели: "момата от тебе ја сакам"* [V,PM,236]; и: **парафúр'** ~ *цáгувата мóма гу ји вúд'ал* (sic!) *ут парафúр', алá úч' му ни удрумóни* [MS,t,33]. Отсуството на конгруенција меѓу субјектот и л-формата, кога подметот е во ж., а прирокот во м. род (**мóма гу ји вúд'ал**), М. Малецки го третира како нејасно (запишал: sic!), бидејќи тој и други истражувачи (пр. Зб. Голомб) ги имале забележано само обратните примери, кога субјектот е во м., а л-формата во ж. род (**тој рекла**), и таквите случаи ги објаснувале како резултат на фонетски фактор (вокализација на крајниот ер), – превидот настанал бидејќи немале увид врз односнава појава во Долновардарско, којашто има пошироки размери и настанала како резултат на нефункционирањето на категоријата род во односниве говори; за ова поопширно во граматичкиот дел.

паратúрка f, 1. 'окно', в. **паратир**; **2.** 'таен влез' ~ *и тјáнака са вăрнá, отúде нá горáта; бéши умрăкнáло. Тáмо најдé еднá мрáфкана* (пишува: 'мрафка на') *дýпка; фатú, га раскопá*

ма́лко она́ја ду́пка, пот не́а најдé една́ парати́рка; га отво́ри, влезе́ла не́три [V,PM,132].

Пара́шка ж. л. име ~ *Пара́шка то́о че́ке, дă чу́у не́што и да чу́кне бăрба́но* [ПК,2(211)].

парафтасан* adj 'кога нешто е созреано повеќе отколку што треба, пр. ако некој плод е презрел' ~ *царјут фати, ги отсечи либиниците и трите: една беши парафтасана, втората беши токму на времето и третата приближи да фтаса* [V,PM,159].

па́ре impf **1.**'лути' (пр. јадење во кое има *пăрăжли́ф пипе́р*) [ПД(119)]; **2.** 'нешто што е вруќо исто така **паре** ' ~ *ни́м ја́ди, ма́нџата о́ште па́ре, пуче́ки, не́к исти́не* [ПК,2(83)]; **3.** 'кога кожата ќе се надразни, ижурка од допир со коприва' – на празникот *Ѓургевдин* се врзуваат јажиња за гранките од дрвја, односно се прават лулки на кои се *л'ул'ат* младите, при тоа лулање на поголемите девојки по нозете ги удираат со коприва, *и парат* [ТГ,70]; ~ *ама́н шо́ сă-испăре́х ут-та́а купри́ифта* [ПК,-2(83)]; **4.** изр. **ка́-ќ сă-ис(пу)па́риш уд-мле́кто, ќи-ду́јш и на-мăтна́ќта** (= доживеаната непријатност нè опоменува да бидеме внимателни кон сè нешто) [ПК,2(83)].

па́ре* impf 'распара нешто сошиено' ~ *па́рам ръ́мбови ут пурăмби́ну-ту* **[ПсС(3),66]**.

паре́(j)а m **1.** 'познат, пријател' ~ *то́ј му р'еч'и : "јас до́јдух при ва́м да ста́ними паре́ја" ... "ти сăс на́м за ста́ниш' паре́а"* [MSt,74]; ~ *с'е́тн'а ка́к сă уж'е́ни, утиди на кафине́ту, сид'а́ха ас паре́ата* [MS,t,70]; **2.** 'група, грамада луѓе' ~ *ина́ паре́а л'у́ди* [MS,s,80].

паре́шт* adj 'вруќ' ~ *фати́ момáта, напра́ви една́ пи́та, тури́ и пръ́стино не́три, га извади́ пи́тата от во́ги́н, га зема́ ба́бата, га закара́ на ца́рјуе си́н о́шти то́пла, паре́шта* [V,P-M,134].

паричка f, 1. dem. од 'пара' ~ *кату и дал тристате гроша, останал без една паричка, рече сам на себе си: "сега да си вăрна на татку ми, он, знам харну, как ке да ми пита, што ги чиних парите?"* [V,PM,33]; ~ *трăн расте високо, има плодуве куту парички* [ПД(124)]; ~ *му ве́ли на гимици́ата: "аман, бра́те, ја́зе не́мам пари́чки да ти пла́т'а гемицилắко"* [V,PM,151]; **2.** *'то́-ј мале́чко ле́пче, сă-ме́се нă-Бắдник ве́чăр и нă-Сви́ти-Васи́л' – нă-су́рва. Уф-н'а́а сă-кла́ве мале́чка па́ра, па́ричка; сă-пе́че, се́тне, нă-вичерта сă-кăрше и сă-де́ле нă-си́те. Уф-кој ќи-сă-па́дне па́ричката, о́н-ej кăсметли́ита, дими́к* [ПК,2(83)] – називот се пренел на *лепчето* во кој се става *паричката;* **3.** 'име на украсно, домашно цвеќе' (според формата) [ПК,2(83)].

па́рички pl 'луѓе' ~ *ти́а-сă ри́бини па́рички, што́ сă-пукри́јни ри́јпте уд-го́ре ус-па́рички, па́рички. Не́кој се́ла па им-ви́кат* **стăрга́чки** [ПК,2(83)] – додаток за место без предлог: **не́кој се́ла па им-ви́кат** (м. 'во некој села...').

парк m 'убаво уреден простор со цвеќиња, дрвја и трева' ~ *ба́лта па́ о́де. "Ца́ре, ја́с па́к стро́јник су́м до́јна". "Ак-мо́јш ут-мо́јоо па́рк ду-тво́јо дво́р една зла́тна кăлдăрма́ да-нăпра́виш мо́ж да-би́де". Ба́лта зи́ме-си ста́нчито, о́де-си до́ма. А-пăрче́куве де́тто* [ПК,2(Ним–263)].

Парликовите тумби top. 'место со тумби (= могили) и дрвја *парлики* (= вид даб – Quercus pudescens)' [ЈИ,Ми...,170].

парли́ца* f, zool. 'женско магаре, магарица' ~ *и́ди вудинч'а́рику удго́р'ạ, ја-ј загуби́л парли́цата* [MS,t,43].

парма́к m **1. 'прст'** [V,PM,376]; **2.** 'дрво од ограда на скали' ~ *фа́тсе зă-па́рма́цте, дă-не́ па́дниш; ~ мо́ш' да клад'е́ш' ниш'а́н'ă, на зим'а́та пе́п'ăл за настил'е́ш'; и на ска́лата парма́ку катра́н за гу нама́ж'иш'* [MS,t,22]; сп. **трапуза́н'**; **3.** 'спица на тркало од запрежна кола'; **4.** изр. **пắрмак уда́ре** *(а́к-ej не́писмин чуве́ко)* = како замена за потпис му се зема отисок од прстот [ПК2(95)].

пармакла́к m 'ограда на скала', со исто значење: **трапуза́н'** [MS,t,22].

пạрна́р m, bot. Quercus coccifera: 'зимзелено растение, го има по ридиштата, расте ниско, на ливчињата има боцки, кога гори прави: *пăр-пăр, ча́тке*' [ПК,2(95)]; ~ *и о́н ут-на́зут, вра́тни́чки и́ма́т ку́ките се́лцки, ут-на́зут пре́ку вра́тни́чка́та испа́ј'а, плити́на, плитини́ца. Гу-ра́ни́ја уф-но́га́та, а́рно а́ма ма́тно вре́ме, тимни́ца, испа́дна́ в-а́дни́ пăрна́ре та́м. Си-изби́га́* [ВЕв,299]; сп. top. **Парна́р Да́г** 'планина' (Драмско) – според тур. образец: именка во служба на атрибут (*парнар* = зимзелен даб + *даг* = рид – **турц.**); од истиот тип: **Парна́р Тӳмба** (Трăнка, **Валовишко**) [ЈИ,Ми...,170].

парнау́м m 'прекар' ~ *гу уста́ха д'ă-т'ạту, ш'ту му има́ха кра́стину иди́н парнау́м Ќел'е́ш' ; Ќел'е́ш'у да ч'ӳва бахч'а́та* [MS,t,33]; в. **пăрмон**.

паро́ла f 'збор што на прв поглед упатува на нешто добро, а всушност договорена лага' ~ *то́гă̈ј ма́јорут:"Пӳшти-ј бре, ку́че кра́стăву, л'ӳ́ју..." То́гă̈ј му ве́л'ăм ја́с на-то́ друга́рин-ми: "Ајде, Ге́ли, по́бă̈рзо, чико́рте и по́нạдăле́ко ạ-ста́пнимă не́-сạ-зна́е шо́ ќи-на-на́е удса́дин, ạ-н-му-ј паро́ла"* [БМ(В),195].

партал* m **1.**'алишта, облека' ~ *фа́ш'та да бр̥ка пу парта́литу, фуста́н'а трисе́, там гл'е́да, тук гл'е́да* [MS,t,11]; сп. top.: **Парта́ло** (Валовишко), **Парта́л Махела́** (Бутково, Валовишко) – Ј. Иванов ги изведува од **прекар** [ЈИ,Ми...,170]; **2.** 'носија, облека врзана за одредена регија' ~ *зарди шо му ј парталут на Пустулејна иден су куфалцкјут, бузечкјут, питровцкјут и на другјзте села удвăда уд Вардар* [МЕ(Р),72]; **3.** 'ствари што ги носи невестата кај младоженецот, фактички тоа се подароци (обично облека и сл.) што семејството ќ ги дава на ќерката кога ќе се мажи' (в. **прикија**) ~ *та́м не́ма кико-ту́ва да-о́дат л'убо́вници. Ка́ ќе-а-арма́сạт, не-мо́же ско́ро парта́л да-му-пра́ви: две́ годи́ни ќе-о́ди армаса́но, да-му-бе́ре, ру́бички да-му-пра́ви, та-то́гај ќе-а-пра́ви сва́дбата* [ВЕв(Бар)]; **4.** 'парче од облека' ~ *На та́ку-му сă пра́виш'и, ч'ạ и́ди напо́сл'ат н'е́гу; кугá сă убрна наса́т' да ви́ди и гу гл'е́да куту́ парта́л* [MS,t,58]; **5.** 'домашни работи, различни ткаенини' ~ *га пометоха кăштата, га испа́стриха и си износи́ха парта́лите таму* [V,PM,19]; **6.** изр.: **си-збра́ пăрта́л'то** (= си замина) [ПД,137]; **гу-напра́вили пăрта́ле** (= го испотепале, го уништиле) ~ *не́коо дру́го пă-на́шо сира́че, де́тинце, ка́-избига́ли на́ште, сă-вăрну́ве уф-Мура́рци. По́по д-им пугóде нă-Гăрцте ре́кăл: "Ја то́о сă-вăрна́, бăрке има́не". И Гăрцте фа́јкат*

ус-кáмане г-утипáли. Г-утипáли кути кýче. И тáм сj-умрéло дéтто. И óно нимáло ни мájка ни тáтко. Гусмáчкали, гу-нäпрäвúли пäртáле. Тóо мj-а-кажувá édна жéна тáм. Вúке: "Нé-árно нäпрäвú нáшjо пóп. Етäкá и täкá, издé адно дéте" [ПК-2(Крец-313)].

партáл'аст adj 'со испокинати алишта, парталав' ~ *и парú нé остáнаха вéки, ниту дрéхи му остáнаха на снáгата му, такá партáл'аст останá. От-тáму најдé едúн гимицúја, товарú нéшто зá Цариградá, му велú: "áман, господúне, да дójда и jазе сóс тéбика"* [V,PM,151].

пäртáлкo n 'тој што не е убаво облечен' ~ *Срäдúн Оцä бúл мýдар и сúти гo-бäркат. Пäртáлкo óдал. Кóгä ки-си-oблéчи Срäдин Оцä, као оцä. А-квá ки-óди пäртáлкo, скинáт. Мýдар Тýрчин еóн. Гo-гóни Тýрцијä, гo-гóни Бäлгáријä, гo-гóни Гäрцијä* [ЛС(К),-121].

пäртéнкä f 'волнена завивка за нозете, се носи зимно време' [ЛС-(К),94].

Партеное 'м. л. име' ~ *баш на А раплија имаше едно тäрло от гиличани, и там имаше братјата на владиката, што беше тога, што сä викаше Партеное* (се однесува на Партенија Зографски) [МС(В),91] – во случајот со предлогот **од** се изразува посвојност: **тäрло от галичани** (се работи за влијание од балканската јазична алијанса, со што југоисточните говори се изделуваат од источното наречје) .

партимéнт m 'спрат'; сп. **кáт, пáтума** [MS,s,80].

паруш'нjáса (сä) pf 'се јави' ~ *кугá дójди дин'ó да сä паруш'нjáса на цáр'у, утúди на палáт'у да му кáж'и, ш'ту сä науч'ú* [MS,t,41].

парче (и: **парча**) n 'дел од нешто' ~ *и ä-зéвät кäрпäта ä-утфурýвät. Шó ки-вúät унäтре у-кäрпäта: иднуцáм пáрче, иднä-рäка пéсук, иднä-лузúнка пáрче, иднä-цäрна кäрпа* [ДК,134]; ~ *рéкал на нúх: Имати нúшто за jадéни тýка? Па óни му а дадéле на нéгу рúба пичéна иднó пáрча, и ут вóсук пчéла мéт* [MV(K)335]; ~ *кäжýве на тáтку му: "Jác ки гу дäржум, тú ел гу зäкули" (он не знае óти син му е тикú). Кä úде тáтку му ус кäлäчкäта дä му а сéче глáвата – и вóа гу нäпрáаве на пäрчúјна* [ИГ,-115] – во контекстот прави впечаток линеаризацијата, имено во формите на императив кратката заменска форма се јавува пред глаголот: **ти ел гу зäкули** м. 'ти ел зäкули го'; – за ова в. во граматичкиот дел; ~ *"тебе ак та видат,[море врашко чедо,[ки та прават, цанум,[парче пу парче,[мрава што пуносе"* [ТГ,-102]; ~ *ах ми ти, син ти чифтели чашки,[среќа да гу сретне, курцум да го jудре,[сабја да гу сече парче пу парче,[дома не си иде* [ТГ,206]; ~ *ти знам тебика кату тäтку и ти казах правината, и пак ти кажувам, ча петнајси парчи најдох* [V,PM,39]. Пример за множинска форма на **-и** кај именки од с.р.: **парчи** (за споменатава проширена употреба на оваа наставка в. во граматичкиот дел). Со исто значење и: **кумáт** [MS,s,80].

парчúнка f , dem. в. **парчушка** ~ *от тáмо отúде нá мердевéно, нá скáлата. Скáлата úмаши четирúјси басамáци, постéлени сè сóс цóха, и óни бéха сéкаква тjурлúа; земá от нúх по еднá парчúнка* [V,PM,123]; ~ *тојнака отиде, зема девет олски*

мрáша, ги враза ỵзат кон'а сос девет чингел'а... ламјата фати да јаде и си закачи за деветја ú глави сос деветја чингели. Тогас излезе и Грујо Шкиндерлиа от кон'ут, извади остра сабја, га разсече парчинки-парчинки [V,PM,78] – интересна употреба на гл. **излезе** со значење 'се симна (од коњ)': **излезе и Грујо Шкиндерлиа от кон'ут**; ваквата употреба на односниов глагол го имаме сретнато и на други места, конкретно во селата на источните падини од планината Беласица (Коњарево, Дражево).

парчушка* f 'дел од нешто, парче' ~ *"млогу пешман станах, што не зех алтини и сребро. Земах тасот, и, кату идех на пăнтјут, гу удрих от земјата, гу разбих..." Тогас младата самовила му вели: "Скору чеч да најдиш парчушките от тасот, да ми ги донесеш тука, оти ти не знаиш, ошти што има на тасот"* [V,PM,277].

пáса* f, в. **пазва** ~ *гу пúта цáр'у: "д'é-ти кóн'ч'ạту на т'éб'ạ?" "у пасáта си гу úмам"* [MS,t,37] – станува збор за влакно што го чува во пазвата и со "кое го повикува" коњчето. Во контекстот имаме аналитичко изразување на посвојноста: **кóн'ч'ạту на т'éб'ạ** наместо 'твоето коњче'.

пасе (сă) impf 'моментот кога кобилата се оплодува' [ПД(125].

пасé* impf 1.'кога животното се храни со трева' (ја кине директно од земјата) ~ *четиријси филдиши излеват от гората, пасáт на ливадите* [V,PM,42]; ~ *гу ц'áснува мýл'ạту ут калó тój, гу извáж'да, гу клáва у бајúру да пасé* [MS,t,36]; ~ *изл'áзи нóз д'éн' мéч'ката да пасé и гу нájди мáлкуту там д'é плáч'иш'и* [MS,t,16]; ~ *и-óн сúлạн сúлạн се-прáј сạс-кóн'ọ. Твá квá гọ-пọдбрáл,... тój пáднạл ọт-кóн'ọ вọ-вọдáтạ, и-вọдáтạ гọднéлạ. Кóн'о, кóн плúва, ọт-тáạ срáнạ изл'áгạл... А-нạ-кóн'ọ имáл дисáги. Тój, пăлно злáто-сè. Зạстáнạвạ бýрạтạ и-óн си-минáвạ ót-нáạ срáнạ, и-пáси кóн'ọ* [ЛС(К),119]; **2.** 'ја чува стоката додека таа се храни со трева' ~ *нехинăтă си миловала много, пак завареницăта ненавиждала, бахтала и ја праштала да паса оловето. Един ден си носила за ручок једнă питинкă и, като пасла говедата, паднала хи* [V,PM,286]; ~ *нај-гол'ámојут на еднó село си фáти гувидáр, да пасé сéлските гувéди* [V,PM,20] – уште еден пример за проширената употреба на множинската наставка **-и** кај именки од ср. род: **сéлските гувéди**; ~ *уч'éл идúн ч'ифч'úја тамóкул вудинúцата, му ја уткрáва памприцата, си ја клáва у турбáта и си ги пасé вóлувéту* [MS,t,43]; ~ *напкун вăрваха на пăтот три мангусарки, и јаз пасах овците на полето* [КС(В),75]; ~ *Т'éс имáха инá гăска, утúва да ги пасé* [MS,t,53]; ~ *"Јас си имах едно дете,[он си јоде в силна војска,[си јустави млада жена,[млада жена јут три ми дни,[нити жена ни дувица,[си гу чика длăго време,[вадан она са мăжувг,[да не гледум, да не слушум,[си испаднах гăски да си пасум* [ТГ,335]; ~ *на тóа врéми, му са искажá Исус самосéб на ученúцити нéгуви, ка станáл ут ýмреш, и вéли на Симон Петро:... ми а милýваш пóвики ут вúи? Вéли на нéгу: Истúна, Афéндо, ти знáиш шо ти милýвам. Вéли на нéгу: Пáсај јáгнити мóј* [MV,K,338] – во контекстот имаме нов пример (ги има повеќе такви)

за проширената употреба на множинската наставка **-и** и кај именките од среден род: **па́сај ја́гнити мој**; 3. 'кога пчелата собира цветен прав' ~ *фати детенто, му вели една прикажна на ќусету: "пубратими! татко ми едно времја беши имал педесет кошови пчели; ката ден мухате, кога хождаха да пасат, ха бројаши, и пак вечер, кога дохождаха, ха бројаши"* [V,PM,202]; 4. изр.: **о́ште ко́лко ќи-па́сиш те́лци** (= се кажува на неразбран човек кој не се сообразува со нормите) [ПК,2-(187)].

пасинук m 'син што мајката го донесла од друг брак' ~ *дедо Костадин имаше еден син и еден пасинук – син от друг татко – и една керка* [MC(B),72].

па́ска f, в. **па́са (= пазува)** [MS,s80]; ~ *му вели кадиата на троицата: "излезејти вунк, и јазе да скрием едно н'ашто, дали ки можите да познаите!" Излезоха вунк умовитните. Кадиата и зел еден портокал, го и скрил на паската му, си зави харно сос авдеслāкот му. Тога а викна и троицата нетре и му вели: "е, ако можите сега да познаити, што има нетре у мојта паска"* **[V,PM,181]**; ~ *га гленда мајка му, што да види: јадена, маници, штото царјут нема таквии маници. Јадоха, пиха, и пак ја затвори, си ја кладе на паската му* [V,PM,176].

пасисува impf 'станува сиромав, се измачува' [BV,127].

па́сму* n 'одредена количина преѓа што стои посебно подврзана на мотовилото, од кадешто при потреба се симнува' ~ *с'ā и́ш'тими да гу уд'а́ними пла́тнуту, з'е́вами ни́титу и гри́бин'о́ ко́лку пасма́ пла́тнуту* [MS,t,7]; ~ *три́-шти́ри пре́плета пра́вāт а́дно па́смо* [ПК,-2-(83)].

п'а́сна* f 'зборовно музичко дело што се исполнува било од поединец, било од група, но може да биде и само во форма на напис (со ноти или без)' ~ *и то́ј си бити́са п'ạсн'а́та и ста́на да си по́ј* [MS,t,27]; ~ *и́ма До́лна Цумаја и-Горна,... Долна Цумаја, наштạ, е-на-се́дам киломе́трạ от на́што се́ло. Сѐ свира́чи сạ. Полови́нтạ гра́т и по́веќе са масарма́ни, се ви́кат, ка́ури ци́ган и. И-сѐ маке-до́нцки п'а́сни сви́реạ н-о́на вр'а́ме* [ЛС(К),121]; и: **песна** ~ *Сраулица фати да пеи една песна, малци речовита, ама много гласовита* [MC(B),96]; ~ *"Ка е арно Госпуд нека даде!... Сус радуст темел' са удире; сус радуст да са пукрије, сус радуст оѓин да са навале! Сус радуст госте да прачеќе, сус радуст госте да испрате!... Да биде пла́на песни и цумбус"* [ТГ,296]; ~ *и вā́лко удде́л-си гла́дин. И та́ка́ о́де пу-пā́то гла́дин, на́јде адно́ пра́се не́где ро́фке и гу-фа́ште. "Ќи-тā-изе́дум". "Фа́т-ме, ви́ке, з-у́хто, ќи-т-испе́м адна пе́сна, да се́тне мā-ја́ди"* [ПК,-2(224)] – во врска со линеаризацијата прави впечаток препозитивната употреба на кратката заменска форма во однос на глаголот во императив: **да се́тне мā-ја́ди** – поопширно за ова в. во граматичкиот дел; освен тоа забележливо е присуството на форми од перфективен презент: **о́де пу-пā́то гла́дин, на́јде адно́ пра́се;** – кога младичот ќе се ожени, или девојката ќе се омажи *"гу навѓануват брига и касавет па и оро забрауве и песни забрауве"* [ТГ,322] (зборoформата *брига* ја немаме на друго место регистрирано, место неа се употребува

турцизмот 'гајле', возможно дека Тановиќ направил превид); односно: **песма** ~ *Сички ки дојдат, за фатат да месјат колачинта, и таја, што ки мјаси, да е дева сос мајка, сос татку... онаја дивојка за надјани от зентјут фесот... за пејат песми свадбарски, прајат много колачинта шарени и еден гол'ам л'ап, којто се вели* **прāмна л'ап**, *това што ки го поклонуват на нункото* [V,PM,246] – во контекстот со предлогот **од** се изразува посвојност: **за надјани от зентјут фесот** м. 'на зетот фесот' (оваа особеност, како што рековме, се третира за балканска јазична посебност).

па́спал m 'прав од ситно брашно нафатено по гредите на воденицата' ~ *но́шќа устáнāл, áма вāлци лéводéсно ви́јат. И дéка дā-сā-пи́кне, дéка дā-сā-пи́кне? Иднā-вудини́ца рāшýкāна имáло и нāóжда врéме сā-пикнýва у-тá вудини́цāта. Сāпикнýва у-вудини́цāта зāд-врáтāта уsáди... пāтáра шу-кáра вудини́ца би́ла учéна ни́кој мéчка. Сéки дéн удéла пáспāл лижéла óклу кáминут* [ДК,142].

паспатéпсува* impf 'пребарува' ~ *д'ā-т'ąту стáна питнáјси, ш'иснáјси гуди́ни, фати́ да паспатéпсува дулáпиту* [MS,t,9].

па́ста f 'вид колач, филован' ~ *нáјáрни пáсти прáвше Али-Кóч уф-Срýмица* [ПК,2(83)].

пасталáсува* impf 'дипли, калапи (тутун)' ~ *пу Димúтруф д'éн' фáш'тат мāнгли, ум'éкнува т'ут'ýн'у и гу клáвами да гу пасталáсими* [MS,t,5].

пастáл m 'нареден (искалапен) тутун, што се става во денкови' ~ *и пустúла ч'ýлу на синдýку и фáш'та да наклáва пастáла* [MSt,5]; ~ *ум'éкнува т'ут'ýн'у и гу клáвами да гу пасталáсими, з'éвами п'éт', ш'éс, дистúна аргáти за да прáв'ат пастáл* [MS,t,5].

пастарма (и: **пāстāрмá**)* f 1. 'месо од овца, нарецкано, се чува покриено со многу сол, се користи зимно време'; 2. изр.: **кут пāстāрмá ќи-т нāпрáвум** (= силно ќе те изнатепам, ќе те направам да личиш на пастрма) ~ *мóлчи, зéр áк стáнум кут пāстāрмá ќи-т нāпрáвум, ќинā-мóјш дā-стáниш* [ПК,2(171)]; ~ *тогас и тој кату излезе при них, сос тешката бозлугана ги направи сичките пастарми на земјата. От них излезе еден јунак, пак самовил, сос него три дена и три ноќе си борјаха* [V,PM,216].

пāстúр m 'човек што чува овци, овчар' [ИГ,128].

пáстри impf 1.'чува' ~ *и такá останáла прúказ, да га приказýват на сиромáси човéци и, аку нáјдат нéшту, да знáјат кáк да гу пáстрјат* [V,PM,19]; 2. **'средува'** ~ *са-свāршúј свáпта. Дéцта, ви́е дрýјсте дéца, дóма устąнáја, неутúдија нúгде. Е, нáпкāмта, каса-вāрнáја, са-вāрнáме нúе нą-нáзāт, виќе фáтине дą-си-пáстрине* (= средува – објаснувањето е од авторот), *дą-са-измúјш, дą-си-нąпрáвиш* [БМ(Цр),207]; 3. 'чисти од бурјан, плевел' [MS,s,80].

пáсу n 'пасош, документ за идентификација' ~ *заш'тó ут Сулýн на гóр'ą ни мóж'иш'и да прумин'éш' ... áку н'éмаш' пáсу ут Ингилúзиту* [MS,t,2].

пáсуш (и: **пáшуш**) m 1., в. **пáсу** ~ *и ká дујдéме тýка, а-брé вáадāн, а-брé ýтре, ду-дéн-дāнéска сè нā Кýкуш óјме. И нúą дýри шó сме рóдини тáм, áко нé сме зāпомнúли нóго, já-вáадāн, дā-мā-пýштат ми-сā-óде нā-дóлу, тáм дā-*

живе́м. Já, па́шуш прӑви́х ва́а ниде́л'а, то́о пумина́л ро́кут, но́ф прӑви́х, не́ка до:-пу(т)пи́шат д-о́дум на-до́лу [ПК,2(Пос-293)]; **2.** 'документ за сопственост на домашно животно, крупно' ~ *Иде до́ма, по́ гу-пи́те та́тку-му и ба́ч му, ба́чавцте. "Ка́к бе́ си́не, шо́ напрӑви́ ва́а гуди́на?" "Та́те, ни́што". "Е, што́м тӑка́, у́тре-j пито́к, ќи-му-иска́рме едно́ па́суш, ќо-иска́рме нӑ-паза́ро, ќо-пруда́јме* [ПК,2(Ним–271)].

па́сăна adj 'се кажува за бремена кобила' [ПД(125].

пат interj 'подржување на звукот од удар' –... *се́де нӑ-ӑнӑ-плӑни́нка и сӑ-чу́де шо́ дӑ-пра́ве, не-знӑе де́ка дӑ-фа́те. Ле́же та́м пуд-ӑнӑ-се́нка, ко: пу́ле ӑну-пи́ле ци́фка е... пу́ле та́му ӑнӑ-змиа̨ сӑ-де́бе дусиде́лту дӑ-му-j-зе́ва пили́шчата. И во́ изва́јќа то́ буздуга́нут – па́т! Мӑну́ва* [ВВ(Кр),312];~ *пи-та́л: "Де́ка-j?" – "Já-а та́му у-дру́гта удáа" – му-ре́кле. Во́ вле́ва нӑтре, та́: стӑну́ва, а́ма дур-дӑ до́е ре́т дӑ-ста́не дӑ-гу-кӑсне, дӑ-гу-ла́пне, о́н су-буздуга́нут – па́т! Му-иуди́ра̨ ти́а̨ гла́вите* [**ВВ(Кр),312**].

пат-пат interj 'извик со кој ги мамат, ги повикуваат шатките' [ПГ(Фур)].

пати́тра* f 'ногалка (педала) на направата разбој' ~ *и с'ӑ за гу приврăз'е́ми на разбо́ју; з'е́вам цило́фтину, ги з'е́вам пати́трит'а̨* [MS, t,7].

пат'и* impf **1.**'се измачува, страда' ~ *и му вил'а́т: "ха́јдибе́ Ќел'е́ш'! ни сӑ вӑркаши, ти о́ш'ти утива́ш'" "ш'то́ да пра́в'а̨!? такфо́с халáт ми да́хти, тузи́ гу па́т'ах"* [MS,t,35]; ~ *му вили́: "иксќи́к да б'ӑш'и и гӑската, тузи́, ш'ту гу па́т'ах јас, н'ӑј за ка́зувани!"* [MS,t,57]; ~ *му-ве́ле нӑже́нта: "Спре́ми-сӑ ќ-о́јме ва́ но́ш нӑ-то́ ме́сто. Има а́рна му́зика, а́рно јӑде́јне – та́му ќи-сӑ-виселиме". Муве́ле: "Не́муј, не́ пра́ј та́ка. Ќипа́тиш, мӑжу!"* [ДК,131]; ~ *Виде́х, прӑвидéх, нӑ-че́до ме́сто, шо ви́кме ни́а, дӑде́х гӑ се́стрӑ-ми, дадéх-гу и бра́тчито. Исчӑша́-га, учисти́-га, та́м уф-До́јрӑн. Не́-j-позна́м чуве́ците та́м уф До́јрӑн, са́мо и са́мо дӑ-j-зе́мат-ги. Ет, то́о сӑм пати́л цӑнам де́ца, а́ска* [ПК,2(359)] – во изводокот е регистрирана преодната фаза од извлекувањето на кратката заменка пред глаголот: кога паралелно егзистираат и двата типа, и стариот и новиот – кога е во препозиција во однос на глаголот (во случајот во блага заповед): **дӑ-j(ги)-зе́мат-ги** – **за ова в. во граматичкиот дел**; ~ *ха виде приз паратирот и му вели на нејн мӑнж: "ету, глендаш тиа калугери, што шетат по тука? Наши л'уди са. Татко ми ги пусна да на терат. Сакин да не излезиш по вӑнка, да тја видјат: за ти познајат, та сетни лошу за патими"* [V,PM,238]; ~ *му вели така сос грозност: "господине, да ми кажиш право, колку караграша зема о-тиа, зашто лошу ке да патиш!"* [V,PM,39]; ~ *"ету ту́ка osám таја плани́на са, л'у ти са мо́л'а, вӑрни си насám, бари ти́нака да не па́тиш ни́шту"* [V,PM,21]; ~ *лиш'и́ата хо́ж'да пукра́ј арасла́нут: "ш'о́ па́ти ту́ка ца́риму?"* [MS,t,77]; ~ *пак сӑ фа́тат да игра́јат кума́р'; пак гу па́ти кутý прӑвната па́тка, му ги з'е́ха пари́т'а̨* [MS,t,9] – овде глаголот **пати** (страда) е употребен како преоден; **2.** изр.: **ќи-ви́де и ќипа́те** (= ќе страда) ~ *ус-то́о ли́гуво де́те ќи-ви́де и ќи-па́те* [**ПК,2(201)**].

патилкă f 'страдање' ~ *тја завчас сја разделила и му сторила пӑт и, като заминал от другата странӑ, питала го: "Каде шта идеш, синко?" Тој и на нејă казал сичкăтă*

си патилкă, и чи вăрвјал да идjă да сја пита при слăнцето, што да прави [V,PM,284].

патири́ца f 'дрвена направа со која луѓето со повредена нога, или без нога, се помагаат кога се движат' [MSs,80]; ~ *ее-е, шó чувéк бúше, пă нóго аúр видé, умрé на-гудúнта. Туку нéјсине, аднó дéте устăнá, óно уд úгла* (инекција) *сибéн сăкáто устанá, сјáа ус-патăрúци óде. Здрáво бúше дéтто, инжéкција кá му удрúа, устăнá сăкáто дéтто* [ПК,2(Ид–289)].

патúрица f 'првиот ден по празникот', во случајот по празникот *служба* (според Тановиќ): утредента е *патирица.* Тој ден *служба се испрашќе.* Секој што ќе дојде ќе биде почестен со ракија и кафе, а жените со леб и варено месо [ТГ,215].

патúтра f 'дел од направата за ткаење' [MS,s,81].

пáтка f, zool., Anas 'птица (домашна или дива) живее покрај води, лесно плива' [ПГ(Фур)]; ~ *му вели на јунакот: "Ej побратими, от татка ми, ти куртулисах толку пăнтја, ами сега как да ти куртулисам от мајка ми? Сега инак не можи. Ади за ти метна у морету, ти ки си чиниш патка* [V,PM,279]; ~ *а-фăрлúле при пáтките тáму у-крушнúците. – "Фăрлите-му трó лéп нéка јáде!", му рéкал. И тá кóга и-вúшла, му рéкла: "Гóспуди, шó рéку јáс, ти шó ми дáди". Е, му-фăрл'ăт нáпатките и нă-нéа му-фăрл'ăт* [ДК,114]; ~ *та кулúбăта а-нăпрăвúл óн тăмáн пукрăј édна бáра, éзерце. Уф-тó: éзерто пăимáло сè пáтки дúви. Вăjн утéне, ýтре утéне, фăтúло и зúма, пăднáл снéк* [ПД,154].

патка* f 'страдање, **тешкотија', в. паталкă** ~ *на ва питачка му са пувăријна на чувек изридувачката на сăта патки шо имам пуминато* **[МЕ(Р),67]; [МЕ(Р),174]**; ~ *пак сă фáтат да игрáјат кумáр'; пак гу пáти кутý прáвната пáтка, му ги з'éха парúт'ą* [MS,t,9].

пáтке impf 'удира (со рака)' ~ *áк тă пáтнум адна* [ПД(116)].

пąтлицáн m (често во pl: **пąтлицáјне)** bot., Lycopersicum esculentum (Solanum lycopersicum) 'зеленчуково растение со црвени, сочни плодови' [ПК(...)]; кај Малецки, од Солунско: освен **патлиц'áн** има и **патлац'áн**, сп. **ч'áрна патлац'áн'ą, ч'éрни патлиц'áни, ч'арв'éни патлиц'áни** [MS,s,81]; ~ *аку саде сус колче, пăтлицане дă речăме или пиперки, а ако фăрле семе (чиница, учмен) сă вике сé:* [ПД(121)]; сп. **думáта**.

п'ąтнáјси num '10+5' ~ *и стујú пý на пąтнáјси дни и úди с'éтн'ą динкш'úјата да гу стóри д'éнгуви* [MS,t,5].

патóсува impf 'премачкува со глина долниот дел на просторијата, она по којашто се гази' (подот, **патосот**) [MS,s,81].

патрида f 'татковина, роден крај' [МЕ(Р),174]; ~ *тогáс тој стана прáв, са поклонú на господáро му и са прости сос нéгу ... и киníса, отúде на нéговата патрúда* [V,PM,15]; ~ *и такá Дéдалáта сă чýдиш'и, кáк да стóри, за да си пój на патрúдата* [MS,t,58]; ~ *на крајта на ланцката сколјацка гудина сă стукмих су брат ми Лазар па да си ом на патриата* [МЕ(Р),67]; ~ *јас чиних нает да кинисам за милта ми патрида на крајта на Питровјут месец* [МЕ(Р),67].

патри́к m 'црковен, христијански великодостојник' (сп. **патријаршија**) [BV,-128].

па́тума f 1. 'подлога на приземје'; 2. 'спрат'; сп. **дјуш'амé, партимéнт** [MS-s,81].

патуна f 'основа, подножје' [MS,s,81].

па́тус m 'голем дрвен сад во кој се става грозје и се прави вино' ~ *за дад'é мло́гу гро́зди, за субир'е́ми мло́гу уки́ да за до́јми дума́ за гу змачками у па́тусу* [MS,t,4]; ~ *дру́гију ма̏с гу рабути́хми, д'е́сит' дни́ завúра па́тусу и дувúр'а ...* ~ *ци́пур'е́ту ш'ту уста́нуват у па́тусу, ги зва́ж'дами у като́т'а* [MS,t,4].

па́тче n, zool., dem. од **патка** [ПГ(Фур)].

па-у,па-у interj 'подржување на звукот што се создава при пукање со пушка и др.' ~ *ба̏лгарските вујни́ци флизе́а уф-Мо́кране с-но́жуфто на̏пу́шките, те́рат пу-ка̏штте да̏не́ма Га̏рци уста́нни уфсе́лто.Пра̏шита́а ка̏штте, испа̏дна́а се́лто на̏-во́нка. Па́ пра̏пука́а и це́л де́н курши́мто свире́а на̏дна́с, а́јде низ на́шо: дво́р: па́-у, па́-у* [ПК,2(222)].

паун m, zool. Pavo cristatus 'голема птица со убави, шарени пердуви' ~ *утишле, са главиле на един цар. Запеуве паунут царув, ца-рут рекал: "И! Што убув паун имум!" Трујцата братја рекле: "Алатувут е поубув". Царут рекал: "Кој к-оде ут вас да го земе?"* [V,PM,272]; ~ *Предлозан му гу отнесуве паунут на царут. Напкум царут си пофалил којнут. Братјата рекле: "Алатувут којн е поарин ут твојут"* [V,PM,272].

пач'а f 1. 'долниот дел од ногата на животно, пр. од овен' [V,PM,376]; 2. 'јадење што е приготвено од долниот дел на нозете на животно (овца, коза и сл.)' ~ *като за подат: "добро вечер! дај Бог добро! чисти ви младиту!" И кату за седнат сички, тогај зентјут първо за му баци рънците, така и нивјастата, и на сички му дарјува по една ширвета или чевре. После дарот јадат, пијат за кладат трапеза л'ап и от заколените кози или офци глави пач'а* [V,PM,250].

пач'ава́ра f 1. 'крпа за бришење што се користи в кујна, нечиста' [MS,s,78]; 2. fig. 'жена што не држи до својата чистоќа, односно што не држи до своето достоинство' **[ПК(Гър)]**; сп. top. **Пачаура Тумба** – на тој рид (*тумба*) бил убиен човек со прекар *Пачаура* (= нечиста крпа) – Трънка, Валовишко [ЈИ, Ми...71].

паша f 'кога добичето кине и јаде трева – пасење' ~ *на-Го́спо* (рекол), *"ки-ми-напра́јш пти́ца, не-ми лу́вам живо́т ве́чи. Ка́де-е бра́тми, та́м и а́с". И затва́ ви́ка "т'ух"* (име на птица), *зна́чи по-на́ши: "т'ух" се-ви́ка: "Што́ напра́јах". И затва́ ви́ка* (птицата), *тој про́литно вр'а́ми ви́ка са́мо, асе́а го-н'а́ма. Ко́га сто́ката излизаа на-па́ша* [ЛС(К),116].

паш'а́ m 'турски великодостојник' ~ *Пујно́ вр'ам'а има́ш'и ида́н паш'а́ ина́ мо́ма ху́бава* [MS,t,54]; ~ *катала́ху и́ди ида́н паша́ у нузи́ с'е́лу; д'е́ за по́ј? – у то́с ч'урбаи'и́ја* [MS,t,48]; ~ *да си чу́ати ут л'у́дити, о́ти има́ле ниéт да ви продо́сат на со́бар, и на са̏дбити ки ви би́јат, и на па́шити и на царо́вити ки ви но́сат за́рди ме́н да мартири́сати на ни́х и на л'у́дити* [MV(K),326]; ~ *послушаха на старојут човек, отвориха портата; ету и това дјате, промина, гу фатиха, гу сториха цар. Тогас кату чуха братите му, отидоха при него: стрјаднојут*

са чини гинирал пѐрв, а најмалкото са чини паша [V,PM,231]; *~ напкун го фатиха на Битолско... и му рече пашата: "а бе керата, ти не знаеше ли, што има обесечка? Ха!"* [MC(B),73].

Па́ша Ќупресѝ top. 'мост на р. *Серо́вица*' (не само зборовите, туку и структурата на сложениот назив е позајмена од тур. јазик: *Па́ша Ќупресѝ* = Пашов Мост [JИ,Ми...171].

па́шка f 1. 'израсток на задниот дел од телото на животно, опашка' ~ *сѐс па́ш'ка ш'и́ка му́хат'а* (= со опашот ја брка мувата) [MS,t,54]; ~ *му-ве́ле: "Јàс ќи-сѐ-ќа́чам го́ре ќ-ѐ-чу́кам, ви́а ќ-и-бе́рте, а́ма ја́с та́ка не́-сѐ ве́рвам нѐ-ва́с. Ви́а ќ-и-суберте, ќи-бе́гате. Де́к ќи-вѐ-сти́гнам ја́ска?" – "Е, шо́ дѐпра́јме!" – "Сѐте зѐ-па́шките ќи-вѐ-вѐрзам зѐ-кру́шта"* [ДК,118]; ~ *легнал да спие и, га си разбуди, га гленда една страшна змиа: главата и беше на врахот на брјастот, пашката и на земјата* [V,PM,222]; ~ *мишката отиде на самоладарникот сос самоладу, си намака пашката, и пак оттамо отиде на червен пипер, си упипели пашката* [V,PM,204]; **2.** 'долги перја на задниот дел од птица' [ПГ(Фур)]; **3.** 'дел од нива, ожнеана поста' ~ *ва́адин би́х на па́шката, пашка́р нѐ-жни́нто;* **4.** 'дрвото што го сврзува ралото со јаремот' [ПК,2(83)]; **5.** 'плетенка од косата на девојка (или жена)' ~ *тогас момата са запрјала тамо, та ја беха дали три златни јабалки на пашката и ги кладоха. Тѐј кога отиде момичката у дома на мајка ѝ фтресена* [V,PM,218]; **6.** изр.: **вѐрти су-па́шкѐта** (= се умалкува) ~ *пра́ви́а ручо́к, му-ви́ка: а́ј, ричѐ, во́ по́рцшто зе́ви-го да́-му-но́сиш нѐ-то́ шо́ на́ј ми́ј ми́ло, на́ј ми́ј ми́ло. Га́зда́та му-ви́ка, зна́чи нѐ-же́нта-му да́-му-но́си. Ама во́, ка-испа́дна́ на́двур нѐ-тре́мут, куче́нце има́ли, вѐрти су па́шкѐта... (нѐ-то́ му-да́ди)* [ВЕв-(Кор),304]; **му-флизе́ му́ѐ пут-па́шкѐта** (= *не́кој а́ко тѐрче нѐ-ви́м, нѐ-та́м*) [ПД,137]; **ма:-испра́ви́ па́шкѐта** (= му помогна) ~ *ма:-свѐрши́ ра́бо́тта, ма:-испра́ви́ па́шкѐта и са: не́ пра́зна́ве* [ПД,-137]; **си-свија́ па́шкѐта** (= побегна, си замина) ~ *сѐ-нѐја́де́, сѐ-нѐпи́, си-свија́ па́шкѐта, ни да́-пла́те, ни да́-пи́те* [ПК,2(194)]; со слично значење: **кре́ни-си-а па́шкѐта** ~ *уд-нико́лку де́на сѐ-искри́вал, сѐ-зѐпу́стал, сла́п, су-ти́а ра́ни – гупушти́ле нѐ-ѐвли́јте та́му. Кри́ф ко́јн ко́ј ти са́ка! Уд-нико́лку де́на то́ кре́ни-си-а па́шкѐта о́ди-си!* [ДК,141]; **која какараска Госпуд е а уставил биз пашка, па и нас да на забраве!** (со овие зборови се бранат оние младичи што не се решаваат да стапат во брак) [ТГ-306]; **ко́зла да́рча га би́е, о́на па́шкѐта нѐгоре** – поговорка, се кажува за оној што се инати и што се прави важен кога не е во право и кога има тешкотии; сп.: **да́рча** 'продолжителен и студен дожд' [ИГ...]; сп. **куј**ру́**к**.

пашкар m 1. – тој што прв ќе започне да копа и го тера првиот ред се вика **ганчар**, а тој што го тера последниот се вика **пашкар** (лозјето и бавчата со црници се копаат, а *бубаку́т* – памукот, *чиничката* и *бустанут са прашат*) [ТГ,333]; **2.** 'исто така се вика и тој што жние последен во постата' ~ *ва́адин би́х пѐшка́р* [ПК,2(96)].

пашлѐк m 'место каде што пасе стоката, пасиште' [ПК,2(83)].

па́ш'оф* adj 'она што му припаѓа на пашата' ~ *мо́ј сиромáх са почу́ди и от стрáх ни зна́иши, што́ да отговóри. И така гу собрáа сијме́ниту, гу закарáа на пашóф конáк* [V,PM,27]; ~ *тóс в'éч'ер на врăх ќерами́дит'а úсă тантанúсам, алá ýтр'а в'éч'ер сăс паш'óвата мóма úсă куц'акладúсам ('за си пригăрнам')* [MS,t,54]; ~ *пашóвите л'уди колку потерáа, н'áкој н'а можáа да фáтат* [V,PM,27]; ~ *и тој еден ден ми најди на чаршиата та ми стегна млого, сакаши да ми затвори в пашовот конак; и јазе, кату човек, са оплаших* [V,PM,194].

пашота (или **аводино** – etr sulfurik) f – производ што во минатото кога немало граница, *кирациите* го пренесувале од Солун во провинциите, во казите; освен *пашота* носеле *нанеја, нишадрујў* (амонијак), *рачиново* (рицинус), *сулфато* (кинин), *ѓок таши* (модар камен) [ТГ,414]

па́ш'та (си)* impf 'страда, доживува несреќа' ~ *и вилú на бáбата: "такá, такá си пáштам јáс тýќá"* [MS,t,9]; ~ *е, мáли, мáли, да м'а знáш', ш'тó си пáш'там – умр'ăнт мăнч' за в'énам* [MS,t 52]; в. **патка**.

па́шчичка f , dem. од 'пашка' ~ *аj, утúшле у-јáзут, ма-а-вăрзáла кăрблăта на-вóлкут за-пáшкăта, гу-пуштúла у-јáзут... вóлкут му-саскинáлă пáшкта и истăрчáл. Муса-пуплаќáл на-кума-Лúја: "А, кума Лúе, мóр вúди сăм бис-пáшчичка!"* [БМ(Сар),203].

пе́гичка* f 'местенце, точка со потемна боја во однос на бојата од околината' ~ *скóврăно шó-j и óн тăквó-j, сáмо шăрéно-j, бујáта мó-j: шăрéнко, бéло и сúво, и тăкá цăрни пéгички úма, фúно пúле-j* [ПД(126].

пе́да, и: **пе́нда*** f 1. 'растојанието меѓу малиот прст и палецот, кога раката е отворена' ~ *пéн пéндă и удáјата длăнгă* [ПсС(З),69]; ~ *и тáа влéгла. Ткáла, ткáла, ткáла, нé знáе дă ткáе, ама тáка гу рéчи тó. Нă-мужúла дă-суткáе нúту двé пéди* [ДК,113]; **кај Малецки: п'éнт', п'éнди** (pl) [MS,s,-81]; ~ *тогас попов син му вели: "е, крив дјавол, дур сега ти беше живот!" и гу одри една бозлугана, гу закопа со сè нетри на земјата четиријсет пендја* [V, PM, ,274]; 2. 'простор колку една педа' ~ *"Ка е арно Госпуд нека даде! Да ви даде длăг живот и кăсмет, арин век и на секуја педа пу ока бириќет ... Госпуд да ни живеје кртеникут и новата кртеника!* – со тие зборови кумот се заблагодарува на поканата да венча. На ова, присутните ќе викнат: *"Амин! Госпуд да пувеле така да биде! Уд твоја уста уф Божји уши!"* [ТГ,161]; 3. изр.: **педа човек лакут брада** (од приказните 'симбол за нешто недобро' – човек на кого телото му е колку една педа, а брадата колку од прстите на раката до лактот) ~ *на вечарта дошле друзите братја, го питале, кăде е бишката? Он им кажал: "Дојде еден педа човек лакут брада, а смукна бишката, си избега". Вичерале таа вечар сух леб и солче и пиперче* [V,PM,270]; **пе́да и че́пур** (= се кажува за човек со низок раст) [ПК,2(188)].

пе́дăсăт num '40 + 10' ~ *пéдăсăт сă пишáх тóѓи; колко, цăл вéк сум извăрвéла, ич нé знáм. Уф Сóлун, јá, куту сáа, зăýмина, сè сáма* [ИГ,121]; и: **пе́ăсе** ~ *нáшто сéло сă-вúкше*

Мура́рци. Тва́ би́ше гуле́мо се́ло. Уфука́лита би́ше пъ́рво. Три́ста и-пе́ъсе къ́шти би́ше. Сѐ христе́не, не́мше ни́каква дру́га ве́ра [ПК,2(215)]; и: **пидис'е́т** ~ *му вили́ мума́та ... : "зна́ш' какфо́ пра́стин да нагутфи́ш'? на та́тку за и́ма то́п цо́ха, на ма́јка за и́ма то́п купри́нин, на м'е́н'а за и́ма пидис'е́т пинда́лари"* [MS,t,28]; ~ *му да́ди ч'урбаџи́јата пидис'е́т ли́ри, гу клава́ у дисајку́ и тра́гнува да си по́ј* [MS,t,16]; ~ *и тувар'а пидисе́т ука́, ути́ди на дирминџи́јата* [MS,t,78].

пеза f 1. 'чувство на срам и непријатност' ~ *и то́јнака веки не мо́жиши да тарпи пе́зите, еди́н де́н земá еднó ва́жи ... да си обеси* [V,PM,7]; 2. 'неприфатливо однесување, срамотилак' ~ *ади́н уд на́што се́ло гуле́ми пе́зи напра́ви́, де́ф фати́* (= побегна, исчезна) [ПК,2(159)]; 3. изр.: **му сă бијăт пеза** (= го прават смешен) ~ *нијднă женă и повичкиту мăжă нијднă скăршенă гăрцка не знаат, ут шо колко за да му сă бијăт пеза* [ME(P),83]; ~ *"На ти една стиска алтăјне!" – "Ним са бии пеза сус мене: дај ми колко чинат!" (Читајал, зашто на шака му веле)* [V,PM,274] – во контекстот имаме лексички архаизам: **читајал** = мислел; сп. во рускиот јазик; ~ *а-фăрли́ле при пáтките тáму у-крушни́ците. – "Фăрлитему тро́ ле́п не́ка ја́де!" И та́ му ре́кла: "Го́спуди, шо́ ре́ку ја́с, ти шо́ ми да́ди". Е, му-фăрл'ăт на́патките и нă-не́а му-фăрл'ăт. Ти́а сă-би́ăт пе́за су-не́а, сă-чи́нăт* [ДК,114]; со блиско значење: **на пе́за да гу зе́ват** ~ *фати́ха на пе́за да гу зе́ват: "то́ј л'а́п не́ма да ја́ди, а́ма ка́шта са́ка да ку́пи"* [V,PM,18]; ~ *си буташи сѐ нетри на пипелот; дури веки ја беха извадили едно имја – кутро пипелашко! Друшките и́ на пеза ја зевали, хем ја вел'аха: "варај, кутро пипелашко, не приндеш, л'у си буташ нетре на пипелот"* [V,PM,205] – употреба на кратката форма за прав предмет **ја** наместо дативната 'и́': **хем ја вел'аха**; ~ *тогај му рече на Гăрциту: "добро утро ви, братка!" И они си насмејаха на Бăлгаринот, кату на пеза гу земаха веки* [V,PM,179].

пезадром m 'пешак' ~ *вратејке, вратејке, пак излезе на друмот, идејке каде дјатенто кату пезадром, вăрзал на ногата* (пишува: 'ногато'!) *едно џангараче* [V,PM,155]; ~ *тогај џарот на него бакшиш и дал много, да и пуснал много аскер да го достретет синот му. И кога го донесеха при џарјут, радос голем си чини меѓу ких, и ж'ал многу му дојде на сирак пезодром* [V,PM,156]; ~ *и дјатенто стана и фатили да вăрвјат на пăтот, Зарзавилата на врăх кон'а применент, а дјатенто отпрет него пишјак пезодром* [V,PM,156].

пе́зе* impf 'срамн, засрамува' ~ *ја́с т'а пе́з'а, ти м'а пе́зиш'* (= јас тебе те срамам, ти мене ме срамиш) [MS,s,82]; ~ *д-о́јш, до-испе́зиш а́дно а́рно; ~ ка́ ми-дујде́, ка́ мă-пизи́, ка́ мă-пизи́ прăт-л'у́јто, мă-зăкупа́* [ПК,2(83)]; ~ *пак тиа Гăрци: "е море, дебелоглав Бăлгарин, ти на земјата си бил добитук, а не човек". Болгаринот веки малч'аши, наколко да го пезеха тиа двата Гăрци. Вечерот са спали харно, и времето са беши умундрило* [V,PM,179] – на крајот од текстот среќаваме остаток од назализмот и замена на големата носовка со **у: са беши умундрило,** што не е карактеристично за овие говори.

пезевéнк m 'тој што врши неморални постапки, клеветник' ~ *Вăндо сучéтта утидé уф-Пájăк плăнúна. И-кăзнúја. Оште ќе-кáзнеа, óште ќе-бéреа, áма се-уткрú тó пезевéнк шо-нé-се-придăдé. И тăкá избегáа нăгóре* [ВЕв,299]; ~ *адни арăмúј имáли нóго пáри. И сидналú дăпучúват тáм. И-адúн ќ-óде дă-сăмóче ду-вăлко. "А, а, пезевéнк, шó тéриш тýк, мă-јзмучá!"* [ПК,2(191)]; ~ *нúа тú и дадéме да и гóтвиш пезевéнк* [BV,131]; со редукција: ~ *пизивéнк н'áадин, áк-тă-фáтум ќи-вúјш дéк сă-рóжде лéбо* [ПК,2(84)]; освен **пезевенк** Тановиќ со исто значење запишал и: **кодош** [ТГ,194], но според нашите сознанија **пезевенк** има попејроко значење (негативно), а кодош се сведува на 'клеветник, шпион'.

пéј m 'гаранција, залог во пари' ~ *тогáс кадúата му велú: "такá не бúва, господúне, амú úди да докáраш дéсет хил'áди гróша пéј"* [V,PM,18].

пејан adj 1.'учен, образован' ~ *там имаше братјата на владиката, што беше тога, што сă викаше Партеное, учен од Русија беше, пејан с царот на едно школ'о* [MC(B),91]; ~ *ного пеин чувек бише татку-ти;* ~ *Пу-нéкуја гудúна ăднó úд-дéцта, шó ј-мáше прăтéно нă-пејájне, сивăрнáл уд-скол'óто, áма немájќи зăшó дă-си-зăфáти дă-рăбóти, пáк си-зăкăчúл зă-рáлцито дă-óра. Кăто пеáн чувéк немáл мирák дă-óра и дă-кóпа* [ВЕв(Кал)292]; ~ *тó дéте кáто нóго пеáн нă-сăте сил'ájна му-пéјл книгите шо-му-úдија удăскерлăк или уд-дрýго мéсто и сăте сил'ájна гу-сăкáле и прăвúле гулéмо ихтибáр* [ВЕв(Кал)292]; 2. fig. 'советуван, со извесна доза на притисок' ~ *пéин-ej, шó-ј тóлко мúрин вáадăн;* 3. 'нешто, во конкретниот случај жито над кое попот пеел молитва' ~ *тóо жúто-ј пéјно, апнájт-си зă-здráве* [ПК,2(83)]; сп. **пејно масло**.

пејани n 1.'кога се артикулираат гласови низ песна' ~ *кату как правјат на зентјут, така и на нивестата сос пејани, сос хоро. За сторјат една каниска, штото га за дојдат сватовито и кумовиту... тогај му ја поклонуват тас каниска на кумот* [V,PM, 248]; и: **пејне** ~ *то уд-нóго пéјне, уд-нăстúнка грéздăво гувóре. Гăрлуту мó-ј уд-нăстúнка, нăстúнин и гувóре гăрличáво. Имше адúн гувúка Гăрлцта. Сè гăрлаше óн, бóлис. Гăрличáро Мúјо му-вúки* [ПК,2(242)]; 2. 'учење, училишна наобразба' ~ *árно-ăма нéчурбăцијата, сáте дéца нé-ј устăвúл дă-рăбóтăт кăто чифчúј, тýку нéкуи уд-нúх и-пушчúл дăпéјăт зă-дă-зăфáтăт нéкуја ýка. Пунéкуја гудúна ăднó úд-дéцта, шó ј-мáше прăтéно нă-пејájне, си-вăрнáл уд-скол'óто* [ВС(Кал)292].

пéјна f 1. 'сапунница' (со исто значење: **скама**); 2.'меури што се прават при брзо движење на вода, млеко и сл.' ~ *тоа детто рекло: "Кáа! Пушти ме ваа sастра јас да гу носум и оште сус пејна да и гу дадум!"* (млекото) [V,PM, 295]; и: пена ~ *вéли на нéгу: А бизвéрна рóда, дýри кóга ки бúдам су вáс? Дунсéјти гу вáка на мéне. И му дунсóа на нéгу кăд нéгу. Да ká гу видé, скóро емéн гу путрисé на нéгу рáѓата, и падná на зéмнјата, си вáлкаши су пéна уф ýстата* [MV(K),285] и: **пјана** ~ *ету кату шу протудраку, заедноч стана, отиде аф куриата разиден, от устата кату река изл'аваши пјана, и от далеку ошти фати да вика: "кој си тинака бре, што сечеш дăрва на мојта куриа?"* [V,PM,76],

односно: **пáна** [MS, s,79].

пејно масло n 'осветено масло, масло над кое пеел свештеник' – според народното лекување болното уво се лекува така што внатре се сипа малку **пејно масло**, некои стават и **слáзи** од винова лоза – кога лозата се реже, други варат праз, и така варен, откако ќе се исцеди водата се става околу болното уво итн. [ТГ,231].

Пејчúнова Кýзн'а top. 'ковачка работилница на *И. Пејчинов*, од Г. Броди, Серско' [ЈИ,Им...,171] – во контекстот имаме присуство на лексичкиот архаизам **кузн'а; сп. во рус. јазик**.

пéк m 'голема горештина' ~ *кату не бéши научéн на таквá рáбота, и от млóгу захмéт, от пéк слáчоф, от млóгу топлинá си разбол'á. Вечерóт легнá дóма бóлин* [V,PM,150]; ~ *вáа нидéл'а бúше нóго пéк; сè изгурé тóо пéк.* Сп. уште: *шó си-застанáла нă-пéкта; мă-фатú* **пýкта пéк**, *кá ќи-с-јóдум кój знáа?* [ПК,2(84)]; ~ *пéк е вóнка* [ПД(Фур)]; времето на две недели пред Св. Илија народот го вика *Свити Илијув пек, или Свити Илијув оган.* Народот кажува дека во тие дни може на човека да му зоврие мозокот и затоа не се работи по нивјето, или пак ако и работат тогаш трае само до 9 саатот, потоа ја остваат работата зашто од силниот *пек* не може да се работи [ТГ,16].

пекул m 'ад, каде што одат душите на грешните' (празноверие) ~ *и му дујдé врéмито, умрé сиромáхот, да му нóсиле Анѓелити на Авраáм уф пазýвата; умрé и зингúнут, и гу купáа. И си а зé óчити уф пéкул, да флизé уф тéмно на мăка, а гледá на Авраáм ут далéко, и на Лáзар уф пазýвата нéгова* [MV(K),274]; ~ *тóга ки уговóри и на нúх, и ки рéчи: Истúна вéл'ам на вáс, кóлко нé чинúхти на вúа сиромáси, нúто на мéн чинúхти. Да ки си óдат вúи на вéшново пéкол, па прáвинти на рáј жúв дувéшно* [MV(K),282]; ~ *ричé на нéгу: Блазé ти и, С..., шо нé ти лúпса нúто снáга нúто крăф, тукý Тáтко ми шó и на небúнити. Ијáс па ти вéлам óти ти си Пéтро, и наврăс тéп ки клáдам тéмел да прáвам Црăкфата ми; и пóртити уф пéкул нé ки мóжат да и повлáдат на нéа* [MV(K),322]; ~ *тóо шо прáве лóшо, дýшта уф пéкуло (кăтрáно) ќи-му-óде* [ПК,2-(84)].

Пел top. **'име на место (извор) во Вницевардарско'** ~ *на во извор пăтниците пазарејна... гу велјат "Бајната",... селјанто на блискуту му ду негу селу – "Пел"* **[МВ(Р),69]**.

пелатúја* m 'купувач, муштерија, клиентела' ~ *кăк вúд'аха миш'турúјиту (пелатúјата) тýс прéпнуту д'ăтл'ă ... фăт'аха сúч'ка да хóж'дат тáму* [MS,t,81]; [MSs,81].

пеливанлăк m 'херојство, јунаштина' (често пати иронично) [BV,129].

пеликáн n. zool. Ciconia alba 'штрк' ~ *а пеликáно úмă нăправено седéло и ми пази, нă-мójтă кăштă úмă седéло, вúкă, и óн гă-лекýвах. Викнéјте-го дóктору, тój ветеринáрниу. Викнéјте-го, ќе-ви-кáжи кăк е-бúло* [ЛС-(К),129]; ~ *шетáјќи нă-лóф нă-еднó м'áсто, глéда едúн пеликáн, штăркăл, еднóто крúло ýдрил, не-мóш дă-лéтне. Вúкă: "Тój ќи-го-утéпа н'ákој, немóш дă-бéгă". Дигнýвă-го, го-нóси пá нă-úстиа лéкар. Вúкă:"Ќи-го-лекýваш"* [ЛС(К),128] -- нивелирањето на остатоците од падежниот систем кај заменките е позната работа во македонските говори, но тоа обично

се случува на релација: директен и индиректен предмет во реченицата, пр. **нас ни даде, нам не виде** и сл.; во југоисточните говори ова рушење е напреднато па во конкретните случаи формата за номинатив ја среќаваме наместо формата за директен предмет; во првиот случај: **ви́ка, и о́н гә-лекӯва́х** (м. 'него го'), во вториот: **тӧј ќи-гә-утепа́ н'а́кӧј (наместо: 'него ќи-гә-утепа́ н'а́кӧј')**. .

Пелцка Вагја top. 'име на голема бразда со вода, вада, во спрега со старото име **Пела** (врзано со Александар Македонски) – во реонот на с. Постол (Ениџевардарско) [МЕ(Р),-77].

пелте n 'нишесте, скроб' – ако мајката нема доволно млеко уште од половина година почнува да го храни бебето со *каша* од гриз, или со *пелте* (нишесте) [ТГ,130]; во соседниот кукушки говор запишавме: **пил'те́** 'желе, извриен сок од овошје' ~ *нӓпрӓвúх пил'тé уд-дӯ́јни, о-турúх уф-кӓлӓ́п* [ПК,2(84)], исто и кај Малецки (од Солунско): **пилт'е́** 'конфитур од извриен сок од овошје' [MS,s,82].

пел'те́к (и: **гӓнка́ло**) m 'тој што датка кога зборува' [ПД(115)]; [MS,s,81].

п'е́на f 'перодршка, перо за пишување', в. **кундилуфо́ру** [MS,s, 81]; освен во Солунско називот е регистриран и во Гевгелиско [ИГ,127].

Пена 'ж. л. име запишано во Мегленско' ~ *ни Пе́на утúде. Пе́на, но́јќта ка-дуjдéја пугӓзéјте, дӓ-ре́кне, то́гин утúде, но́јќта, му-скӓршúлӓ не́колку саáни и пá да-а-не́ма. Ет тӓкá, му-скӓршúлӓ две-три-са́јне, тӓкá бигá* [БМ(Цр),207].

пенда́ртос m 'леб што се носи в црква во врска со одреден верски ритуал' [BV,130]; **петолебие**.

пенџјура f 'застаклен отвор на ѕидот', в. **пенџере** ~ *и хи ре́че: "Лӯ́бе, ма́лка мо́ме, мо́е весели́ву, на ску́та ти ма́лку шта задре́мам, та да гле́даш прос* (sic) *зла́тна пенџjӯ́ра, аку да ви́диш от на́зи ба́рчи́на да са подаде́ н'а́ква ма́гла, и ни че́са да ма ру́каш"* [V,PM,260].

пензја f 'парични средства што месечно од пензискиот фонд ги добиваат пензионераните личности' ~ *ти́, бра́тче, ним са-секúрај за-до́ма, ти се́ди-ми тӯ́к ја́с ќи-та ра́нӓм, ним бе́ри гаjле́, ја́с си и́мӓм пе́нзја, ти ќи-би́диш су-ме́н, ни́ на-ни́куj не-му-дутижӯ́jш* [БМ(Сар),203].

Пено (Петре) 'м. лично име запишано во Гевгелиско' [ТГ,114].

п'е́нт' f 'растојание меѓу палецот и малиот прст, кога раката е отворена – педа' [MS,s,81]; стсл. **пядь**; в. **педа**.

пенџере* n 'отвор на ѕидот за да влегува светлост, прозорец', в. **пенџјура** ~ *гӓлӓ́бот, кату отиде на царските конаци, кӓсна аф пенџерету аф она удаја, што седиши царjут* [V,PM,63]; и: **пинџе́ра*** ~ *си ре́кле: "Ни́а ќи-зӓтфо́риме су-чи́ку-вилéнце пинџе́рте, не́ма да́-сӓ-ви́де". Е, ти́а и-зӓтфури́ле пинџе́рте, му-ре́кле: "Ќ-устáјме иднӓ-дӯ́пка дӓ-гу-ви́јме цӓ́рут"* [ДК113]; ~ *ину-вре́ме на-зáмӓн имáше ину-цӓ́р, инӓ-цӓри́ца. Ама но́гу ле́па шу-бе́ше цӓри́цӓта нимáше тӓкфá. Е, о́на си-бе́ше нӓ-пинцéрта и пулéка-пулéка си-визéше* [ДК,144]; (кај Будишевска: **пенџера** – BV,130); **в. пинџерка**.

пенџерина* f. в. **пенџере** ~ *тојнака беши млогу хитӓр да а побегнал: приз пенџерината скокна* [V,PM,35].

пенџехир m 'вид облека' [V,PM,376].

пенџирја* f 'застаклен отвор на ѕидот', в. **пенџере** ~ *га отво́ри кӓштата, влезé не́три самóс, земá кни́га, от-*

во́ри пе́ницѝрјата, фати́ горе да изва́жда јурне́к схе́дио [V,PM,18].

пе́п'ал и: **пе́пел** m || f 1. – 'материја, ситна (во вид на прав) што останува по согорувањето, пр. на дрва, има сива боја' ~ *но́с, ш'ту гу зва́д'ахми за пикме́с гу кла́вами у каза́ниту, гу фа̀рл'ами и пе́п'ал н'е́тр'а* [MS,t,4]; ~ *мо́ш' да клад'е́ш' киш'а́н'а̀, на зим'а́та пе́п'ал за настил'е́ш'; и на ска́лата парма́ку катра́н за гу нама́ж'иш'* [MS,t,22]; ~ *си завратја еднош на л'аво, еднош направо; душа не остави жјува. Тогас отива и на царјут от кра̀стот на дол гу праи пра̀ст и пепјал, от кра̀стот нагори гу остави здрав* [V,PM,226]; ~ *детето родено от пепелта на изгорена глава* [ИГ,110]; ~ *едно време имаши еден сиромах, којто пу сапунциите носиши пепел и са храниши* [V,PM,47] – во минатото пепелта се користела при перење, наместо сапун, веројатно и во првото манифактурно производство; ~ *ји р'е́ч'и на ма́јка-му: "да ми сто́риш' дв'а̀ магар'а̀нта ут п'е́п'ал!"* [MS,t,48]; и: **пе́пил** ~ *за ја запа́ли раж'ани́ната да згори́ и да ста́ни пе́пил* [MS,t,66]; 2. изр.: **пе́па̀л ти на̀-изи́кут** (= да не се оствари тоа што го спомена -- се кажува кога некој ќе искаже некоја пакосна, односно еретичка мисла [ПК,2-(188)]; **огин да те изгоре, пепал да не устане уд тебе** (= да те снема – клетва) [ТГ,320]; **восук са правимă, пепа̀л** (= кога некој ќе стане блед, пеплосан, во случајот од страв) ~ *на-но́се на̀-то́ ме́сту де́ка-и скри́мă али́штта, де́ка-и устави́мă пу́шките... на̀-то́ ме́сту на̀-но́се. Ѐгиди, ма́јко, ни́е су-бе́ла у́ста, са́мо са̀-призи́рămă на̀-сра́на су-другарин-ми. Бели, восук са правимă, пепа̀л* [М(В),192].

пепеларин m 'тој што носи и продава пепел' ~ *и кога са чини на петнајси или на двајси години, татку му гу зема пу негу да гу чини пепеларин* [V,PM,47]; в. **п'е́п'ал**

пепеларјув adj 'нешто што се однесува на **пепелар'**, в. **пепеларкин** ~ *гу зема пу негу да гу чини пепеларин: негов занајат да гу научи. И детето, кату беши млогу умно, послуша на татко му и отиде пу негу. От неколку дни сетни умрја татко му, и остана детету сос имету пепеларув син. И кату чу сички да гу викат сос това име, му са гледаши лошу* [V,PM,47-48]; ~ *докара царјут и лафот за пепеларјувут син и вели на царицата и на момата му: "да видиш, ланăм царица и моја керко, тованака пепеларјув син два пăтја зема наицут ухтар и мерил алтăни и, кога ми го дакаруваши ухтарјут, на дноту му нахождах по един алтăн* [V,PM,48-49] – во југоисточните говори нивелирањето на падежните форми продолжува, така што вокативната форма често е заменета со номинативна: *вели на царицата... му: "да видиш, ланăм царица".*

пепеларка f 'жена на **пепеларинут**' ~ *отиде на царјут му вели: "цар'у, поклон имаш от мој сина, пепеларјув сина! Дојде от чуздина. Да ми дадеш ухтар'ут да мери алтăните, што је добил аф чуздина!" Царјут, кату чу така, са почуди... стана сам царјут, гу даде ухтарјут на пепеларката* [V,PM,48].

пепеларкин adj 'нешто што се однесува на **пепеларинут** (тој што во минатото носел и продавал пепел)'

~ царјут заедноч повел'а, робинки да му дадат дрехи, да си примени. Му дадоха, са примени, са урожи. И така сос млогу марифети и сос млогу лажа са чини царски зет пепеларкинут син [V,PM,50].

Пепелаш top. 'мало селце во Драмско' – од *пепел* "според бојата на почвата или спрема прекар" [ЈИ-Ми...,71].

пепелашкă f 1. 'бедно девојче, што обично живее при макеа' *~ кату чју така татко и много са устрамоти от неа и млăкна. Аде дојде пладнина. По пладнина сички излезоха на хоруту, та ѝ вел'ат и на неа: "ади, кутро пипелашко, да пошми на хоруту!"* [V,PM,206]; *~ и момата си научила, сама хождаши на паракав сос друшките и да принде. Та она не принђаши, туку си буташи сè нетри на пипелот; дури веки ја беха извадили едно имја – кутро пипелашко!* [V,PM,205] – во случајот имаме употреба на зам. форма за прав предмет **ја**, наместо дативната 'ѝ': **веки ја беха извадили едно имја**: *~ цáрут дáшăл зăпувéт д-óдăт сăти тáму дă-прáвăт гóзба, дă-сá-гóстăт. И-пукáнăл сăти сéла. И óни сă-ублéкле, сă-стурúле. – "А ти сéди, Пипилáшка, дóма, му-вéле, нúа к-ójме кăj-цару"* [ДК,120] – во извадокот имаме употреба на номинативната форма во функција на вокатив: *а ти сéди, Пипилáшка, дóма*; 2. 'леб со врука пепел' *~ завареницăтă бахтала и ја праштала на воденицăтă да млеjă наштја, белки ја изjадат короконцjуре. Момичката утишла и, кога сă вejке убаво смрачило, испекла си еднă пепелашкă (богача) и седнала да вечерjă* [V,PM,287].

пеперуга f, bot. 'мак' [BV,125].

пéпил'áну и: **пипилúну** adj 'со боја на пепел, сиво' (Малецки го одбележил како неутрум [n]) [MS,s,81].

пéр m 'таткото на мажот во однос на снаата' – свекор [ЛС(К)94].

пéра f 'свекрва' (мајката на мажот во однос на снаата) [ЛС(К)94].

Пералúштето top. 'кладенец, место каде што жените пералеалиштата' (во месноста *Зраздол*, Драмско) [ЈИ,Ми...,171].

перане n 1. 'активност кога со вода (стоплена) и сапун се чистат алишта и сл.' *~ на стреда рано за кладе нивјастата, да пере неколко ништа, за остави сетни на зăлвата перанету, тја за помете каштата* [V,PM,250]; 2. изр.: **нăперкнто ќи-утворе** (= се кажува кога некој новопримен член, било во семејството, било на работа, во почетокот се прави наивен, а подоцна ќе се покаже во правата светлина) [ПК,2(185)].

перваc m 'дел од рамка на прозорец (или врата)' [ПК(Грам)].

пердáх m 1.'казна со тепање'; 2. изр.: **ýдри му ájн пердáх** (= изнатепај го) *~ нé слýше ли? Удри-му ájн пердáх, дă-вújш дáл' нé-ќ тă-слýше* [ПК,2(204)].

пердáше impf 1. 'оди брзо' *~ вúj-го ká пердáше, нă-мójш д-о-стúгниш*; 2. 'силно кара, односно тепа (некого)' *~ ká-гă зăпирдăшú, нă-мужé нипéт дă-кáже*; 3. 'ја прави завршната фаза од малтерисувањето' *~ миустáнá óш адúн зит дă-j-спердăшум и ќи-с-óдум гáаре* [ПК,2(84)].

пердé (и: **пирдé** – со редукција на неакцентираното **е** > **и**; за односнава појава поопширно во граматичкиот дел) n 1.'материја со која се покрива прозорецот' *~ сă кăчýвăт гóре нă кунáкут. Дă гу*

ди́гнат пирдéто ви́ке – пá не кăжу́ве, туку ми́ѓу нóјзте на чурбăџи́ата испáѓе прăт цáрут [ИГ,111]; ~ *ако ти ја дадат, мила ле мале,[поскоро áбер да чиниш,[море да растурам ветки куќи,[да направам висок сарај,[мори пинџерки му сидифлији,[а пирдијна кадифилиј* [ТГ,97]; **2.** 'слепило, мрежа на очите' ~ *преди четири години имах перде, сă чудих, сă чудих; немаше никој кулај, то пусто е око* [МС(В)76]; ~ *перделúй ej óн, чувéко стăрéе, пéрде úма нă-óчте, ќку нé глéде* [ПК,2-(240)]; 3. – кога ловат риба на **рапила,** ќе изберат место каде што водата тече бавно, па таму ќе направат заклон од врбови гранки и др., од долната страна ќе истурат храна; на обалата ќе направат перде каде што се скриени рибарите за да не ги забележат рибите [ТГ393]; **4.** изр.: **нéма пердé** (= се кажува за човек што не го засегаат недобрите и срамни дела што ги прави) ~ *сјáа млăдéжо нéма пердé, ки, шó сáкаш д-úма нăпридúи. Нé сă-знáа кój-ej стáр, кój-ej млáт* [ПК2(180)]; **мупукнáло пирдéто** (= го изгубил срамот) [ПК,2(150)].

пе́рдуф m 'она со што е покриено телото на птиците' ~ *"Амăн, бре бráте! Кăко мóж дă-сă-кáчиш?" –"Ќи-тă-нăпрáм и тéбе тáка áко сáкăш дă-сă-кáчиш и ти. Ќи-тă-нăпрáм лéсна кăо пéрдуф. Јáс тáка бе дибéл, сéстро", му-вéле* [ДК,-119]; ~ *су-ришéто и су-дăрмун нé-сă пăлне вóда. Плáче, чúне, ви́ка, цúка – нéма. Е, сă-субráле врáпците, а-пужăл'áле бáбăта. Му-рéкле: "Бáбо, дóпри ришéтто! Ќи-си-истрéсиме нúа трó пирдýфите, ќи-пáднăт ришéтто, ќи-нăпáлниш вóда"* [ДК,-146].

пере* impf **1.** 'чисти алишта и сл. со помош на вода и сапун' ~ *ки еида ногу жени от блиското до во извор село, шо идат тука да са перат* [МЕ(Р),69]; ~ *идну-дéн Нăстрăдúн уџá су-жéна-му утúшле нă-рéкăта д-и-испéрăт пл'áчките. И прáле шо прáле сиднáле трó дă-пучúнат* [ДК,155];~ *сн - та мéн мă-чúсте, мă-пéре и дéк ќ-óм нéјнто лúце д-éј бéло. Нé кá ќ-óм нéјнто лúце џăрно дă-бúде* [ПК,2(244)]; ~ *нáпкум ќа сă субléчăве дóма дa гу пéре сéстра му, прáќи, сéстра му гу нaóжѓе кáмăнчто и нă мóж дa сă нaглéде нa нéго* [ИГ,110]; ~ *кó си жéнен, глéндај си пăнтју,[глéндај си пăнтјǫ, скрăши си врáтǫ!" – "Не сăм ергéн, нó поџăркен,[мáјќа ми зелá невјăста,[хáрǫ дрăмливǫ, мóшне спáнливǫ,[фáштǫ дa пéре, пéре и дрăме"* [ПсС(З),74]; и: **пир'é*** ~ *гу звáж'дами с'éтн'а, утúвами на студ'éната вóда да гу б'ăлими, гу пир'éми у курúтуту* [MS,t,8]; **2.** изр. **нúшто нé гу пéре** (= направи голема грешка, не може да се спаси) [ПК(Грам)]; **сáкиш уз-мéн дă-с-(ис)пéриш, ама нă-мóјш** (= кога некој се оправдува и покрива некој чин што не е добар) [ПК(Мор)].

перет* m 'слуга, што помага дома' ~ *и л'у за дојди кумот, седнуват на една удаја все кумови, на друга одаја сватови. Тогај перетиту земуват онаја каниската, што беха направили момите на четвăрток, ја поклонуват на кумовата трапеза* [V,PM,249]; ~ *стана тас мома, отвори сандукут, гу јади ширбетот и сос брасалката са беши обрăсала устата ќ и, га си разбуди царјувут син, што ки најди? Утрината фати да му се кара на пиретите му* [V,PM,235].

Перибара top. 'бара и пасиште меѓу селата Дреново и Височен (Драмско)' – "двосложен композитум од заповедната форма од гл. *пере* и именката *бара* и покажува што се работи во месноста; сп. top. *Пăрдикон*" [ЛИ,Ми...71].

перивóл'* m 'градина' ~ *пујнó вр'ắм'ạ идúн калу̇́јар исл'ăзи ут манастúру, утúди на перивóл'у да субирé смóкфи* [MS,t,45]; односниов грцизам се јавува и како микротопоним во Зилјаховско, Серско [ЛИ,Ми...,171].

периф́ép'a f 'се кажува за реон што се наоѓа на крај' ~ *си дóјдух тукá; и тук нáјдух Англи, Гáли, Италúји, Срăби на сулу́нската перифéр'а* [MS,t,2].

пéрке impf 1. 'удира' ~ *áк-тă-пéрнум адна́ ќи-вúјш ăрăнто;* 2. fig. 'навредува' ~ *тáа снáата сè тук мă-пéрке, áма сă-прáвум на-будлá, да-нé-с кáрме* [ПК,2(84)].

пéрки pl 'крилца со кои плива рибата' [ПГ(Фур)].

перкија f, zool. Perca fluviatilis. **Перкијата** е риба што многу често ја ловат во Дојранското Езеро. Не е многу голема – достигнува до 1,5 кгр. тежина (и до 30 см. должина). Телото ѝ е покриено со тврди крлушки чиј заден крај е запчест. Двете челусти ѝ се снабдени со многубројни мали, скриени запчиња. Бојата на грбот и по страните ѝ е зеленкасто-жолта, со темни попречни рабови, а на стомакот е речиси бела. Во месец март женската ги испушта икрите во вид на долги пифтиести ленти, што се виткаат околу стеблата на водните растенија или пак пливаат слободно. Месото на **перкијата** е мошне вкусно [КД,58].

пéрне* pf 1.'турне, отфрли, удри' ~ *турú от дóл едúн кóш, си качú на кóшут, тури јулмéкот на гăрлото му, го пéрна кóшот да са обéси* [V,PM,7]; 2. fig. 'упати критика' ~ *пéрнј-о: мáлко, зéр нóго гó-ј дигнáл нéшто нóсо* [ПК,2(182)].

пéрнин adj 'тој што се однесува чудно' ~ *гу-нăпăдúх нă-нéго. И óн питу́ве пу-нéкуј рăбóти, áма óн бил нéшто..., глéм óти нé-ј тăмáм ни нă-пáмито... Уш нéкуј кнúги пишувáл, вéл'ше. Нé гу-знáм кăквú кнúги сă-тúă. Мáлку уд-акăло пéрнин бúл* [ПК,2(239)]; ~ *ду́р нé гу лúче зăгудúнте, алúс пéрнăн-еј* [ПК(Грам)]; односно: 'жена (девојка) со несериозно поведение' [ПК,2(188)]; ~ *ќуптéн бúше пéрнина, кá сă-мăжú кóј знáа?* [ПК,2(84)].

пéрница* f 'мека постилка врз која човекот си ја става главата кога одмара, односно кога спие' ~ *што н'áшту му арéсаши за кăштата, и купúл: пóстел'а, пéрници и дру́ги рабóти* [V,PM,19]; ~ *си собраха на трапезата, јадоха, пиха; стана ламјата постилала дјушега, перници, за да легнат да спат, та тогас чиниши хесап да ги изјади* [V,PM,103]; ~ *ќ-óјш тáмка, ќи тă прăчéкăт... ќи-испáдне óна, ќит дáде слáтко (дúско), ка-вé ќ-ти дáде. - уф óчте нéма да а пулéдниш. Нạ вéчăрта уф ạдúн јургáн ќи-спúјте, нạ адна́ пéрница* [ИГ-112]; ~ *тạкá ишиé кạ спáле, кạ плạкáле и двуј́цта, тóа дéтто кạ плạкáл, сăлзите ут óчте прăку пéрницта ду душéгут прăтунúле* [ИГ,112]; ~ *мáјкăта кá видéла óти змúта гă-спăсúл, зимáла, му-ддéла лúра и-рăчéла: "Ки-гă-клáјш вéчăр пут-пéрницăта, сéко сăбáјле еднáта двé ки-сă-прáвăт. И тăкá бугáт ки-сă-чúниш. Ама нéма нă-нúкуј дăкáјш"* [ПД,152].

перо* n 1.'дел од покривката на

телото од птица' ~ *и кога ќи ти дојди некоја газа на главата ти, да го турѝш перото на вогино, и ќиа на тебика можими да ти помогними ќиштy* [V,PM,96]; ~ *и то́с ги напра́ви крила́та... ги сто́ри ут ко́куш'ко́ви пира́* [MS,-t,58]; ~ *Гу фӑрл'а̀т нӑ буни́штто. Та́м си ле́же. Пумина́ле адни га̀лӑбе. Во́а знаја̀л и га̀лӑбско да гувóре... и ти́а̨ га̀лӑбто си прӑкӑжува́ле: "Да̨ му пу́штиме а̨дно́ пе́ро, дӑ си-j че́пне о́чте, ќи пуле́дне"* [ИГ,114]; ~ *да га удере́ш кожа́та и да ги чи́ниш мја́х; да гу напӑлниш мја́хот, во́да и месо́то, да ги дока̀раш ту́ка, да ми ги кладе́ш на̀ врӑх пера́та ми, о́т една́та стра́на месо́ту, от дру́гата вода́та* [V,PM,136]; **2.** 'направа за пишување' ~ *о јоди, јоди, до дуќајне,[да ми земиш, стара мале,[да ми земиш бела книга,[бела книга, златно перо,[да испишам бела книга,[бела книга црно писмо* [ТГ,37].

пе́рун m 'голема шајка, брут' [ДК,-105]; ~ *и чу́пата ути́шла до́ма и му-ре́кла нӑ-та́тку-му: "Дӑскӑ-ли́ца̨та са́ка дӑ-тӑ-зе́ва те́бе". То́ му ре́ка̀л: "Арно. Ја́с кӑ-ќи-му-ку́па̀м ини-че́ја̀ли, а́к и-зӑбе́се инӑш нӑ-пе́рунут-му го́ре, а́ко па́днӑт ти́а че́ја̀лите ут-пе́рунут, тугáј ќ-ӑ-зе́а̀м дӑскӑли́ца̨та"* [ДК,147]; и **пиро́н** [MS,s,83].

пе́ру́ника f, bot. Iris germanica 'украсно растение, има остри и зашилени лисја, спаѓа во групата на устоцветни' [ИГ,127]; в. **пиринуга**.

Перушине́стата Ска́ла top. 'планински гребен, карпи во кои имало гнезда од орли' (сп. *перуши́на* = пердушка, перја; *ска́ла* = карпа) [ЛИ,Ми...,171].

пе́ру́шки и: **пиру́ш'ка** pl 'она со што е покриено телото на птиците – перја' [MS,s,83]; ~ *и то́јнака зе́ма мре́жата, оти́де на̀ е́зера, ловја́л, ловја́л вездéн, не можá да фáти дру́га, са́мо една́ чу́дна ри́ба со́с влакна́, со́с пе́ру́шки. Ри́бита му ве́ли: "зашто́ ми си фа́тиш ме́ника? Ја́зе сам ца́р на̀ ри́бите"* [V,PM,-143]; в. **пе́рдуф**.

пе́рце n, zool. 1.dem. од **перо** ~ *во́а знаја̀л и га̀лӑбско да гувóре... и ти́а̨ га̀лӑбто си прӑкӑжува́ле: "Да̨ му пу́штиме а̨дно́ пе́ро, дӑ си-j че́пне о́чте, ќи пуле́дне". И му пушту́ва̀т а̨дно́ пе́рце и во́а, ала́ќи, гу нӑј̆ду́ве, си чипну́ве адно́то о́ко, – му сӑ прӑви́дуве* [ИГ,114]; **2.** изр.: **ле́к ку́ту пе́рце** (= несериозен, со "лесно" однесување) [ПК(Грам)].

пе́с m, zool., Canis familiaris 'домашно животно што ја чува куќата и имотот' ~ *за̨мина́л иден-чувéк, ре́ка̀л: "Ба́јче, шо пра́јш?" – "Шо́ да̨-пра́м, му-ре́ка̀л, не́-ма̨-са́ка̀т ви́е си́нуфте, та́ка ма̨-и́ма̀т ка̀ту-пе́с"* [БМ(Зб),196]; ~ *сирома́х бе́ши, и́мито му Ла́зар, то́а па си вӑр-тиши до по́ртата не́гува, ем и́маши ра́ни, и пича́лиши да си наја́ди ут ро́нкити шо паѓа́ле ут трапе́зата зинги́нца, туќу́ и псе́тата му ли́знаа ра́нити* [MV(K),274]; – во некои региони почесто се употребува називот **куче**, отколку **пес**, сепак и таму обичен е изразот (клетвата): **це́та да те ја̀да̀т** [ПД(125].

песно̨по́јка f, в. **песнӑри́јка** [ЛС(К),100].

песнӑри́јка f 'жена што убаво пее'; за маж: **песнӑри́ја** [ПД(Ф)].

п'е́т' num (= десет минус пет) ~ *санда́лу ста́нува ут п'е́т', ут ш'е́с прӑнч'ки, усӑхнува санда́лу зака́цини пу ш'а́јкит'а̨, пу стр'а̨ха́та* [MS,t,5]; ~ *и си з'е́ват рӑнка ... ут пе́т' дакúка с'е́тн'а̨ трӑгна пампóр'ут* [MS,t,84]; ~ *ја урáт ни́вата ч'е́тир, пе́т' урала́, ста́нува ху́баф надáс*

[MS,t,3]; ~ *и за дад'éш' на д'ăт'ąнту пéт' лúрă* [MS,t,83]; ~ *гувори́ жéната, да му ричé: Нéмам мăж. Вéли на нéа Исус: Арно си рéкал шо нéмаш мăж: óти пéт мăжи имáл си* [MV(K),257] – најсериозна потврда дека е под прашање тврдењето на некои слависти (Ј. Иванов, тој прв пишуваше за тоа, по него М. Малецки, Зб. Голомб и др.) што случајот: **тој рекла го толкувaa како** зачуван полуглас во слаба позиција, нашиот пример: *арно си рéкал* – се однесува на женски лик од Библијата (имаме забележано и др. слични примери што се нотирани на соодветни места во Речникот), сите тие упатуваат на друг заклучок: и во двата случаи се работи за нефункционирање на категоријата род во овие говори -- еднаш субјектот е во машки, а предикатот во женски род, друг пат субјектот во женски а предикатот (л-формата) во машки род; за ова в. во граматичкиот дел.

пет прста f, bot. 'име на трева'; сп. народно лекување: – кога на некое дете ќе му се јават *жл'ешки* (= отечени жлезди) ги лекуваат на тој начин што ќе се земат исушени лисја од тревата *пет прста*, ќе ги истолчат, смесата ќе ја натопат со зејтин и ќе ја стават таму каде што има отечена жлезда (*жл'ешка*) [ТГ,124].

пéта (и: **пента**) f 1.'задниот дел на стапалото' ~ *Бог да јобије, мамо, кундурцијчето![што ми прави, мамо, пăндофлички,[што ме ного стегат, ох јоф прсти,[ох јоф прсти, мамо, чак до пета* [ТГ,39]; ~ *на пéнтатă хóди* [ПсС(З),69]; ~ *пулека си терај, лудо,[твоја брза којна,[да не ми настăпиш, лудо,[меснати ми пети,[меснати ми пети, лудо,[на бајна бајнани* [ТГ,157]; 2. изр.: **ќи-ми-ј вăјш пéтте (óш адну́ш)** (= уште еднаш нема да ме видиш, последен пат доаѓам) [ПК,2(201)]; **ќо-измéре уд-глáва дупéти** (= ќе го посматра испитувачки) ~ *шó чувéк ќи пумúне ќо измéре уд-глáва ду-пéти* [ПК2(158)].

п'éта f 'вид направа', сп. **суфрá** [MSs,-82].

пéтала f 'метална поткова, плоча што се прицврстува со клинци на копитото од коњ или друго крупно домашно животно' ~ *и му вилú ... : "дáј ми ја пéталáта и кусим'ó! ... јáс дýр на тузú вр'ăм'ą ч'áках да т'ą дукáрам и за си пóда на нóс сф'ăт"* [MS,t,37]; ~ *нáдини си ги в'éткит'ą рýби, ízвади м'ą пéталáта ут кугáта, ч'éпни ми инó кóсми ут ч'умбáзу* [MS,t,33]; ~ *а пýсна брáти да пój да му клад'é пéтала на кóн'у* [MS,t,51]; ~ *излезоха наречниците му и му вел'ат: "синку, на таја работа, што ти пуснаха, требува... да здигниш на кон'у четрите ноги, да му туриш свингер на петали месту... ча инак ќи тронка кон'ут, ке да си разбуди протудрак* [V,PM,74].

петемúка adj, f 'мила, сакана', в. **питимија** ~ *имáла мáјка шчéрка петемúка,[шчéрка петемúка, еднá кајметлúка,[дáла ја дáла даскалúца сă-ýче,[даскалúца се-ýче до-трú гудúни,) до-трú гудúни и три месéци,[тáа нé изýчи дотрú гудúни,[туку изýчи до-шéс месéци* [ПК,2(260)].

петина num 'пет лица' ~ *пак тојнака... чул и му вели на негу, којто смрăкаши морету и от носо му висјали ледници: "ej побратими, ади стани, ча на тебика дојде редот да ни куртулисаш, ча ламјата повел'ала да изгорат една фурна три дни и да на фăрл'ат и*

петината аф фурната?" [V,PM,46].

петгуди́шин* adj 'некој што има пет години' ~ *Удде́ме уф-не́го. Пу-адна́ ниде́л'а дигна́ме-сă зă-До́јрăн. Нă-прăкара́ на-До́јрăн. Удде́ме уф-Сфи́т-Или́цката цắрква. Та́м ма́јка-ми умре́. Устана́ме: петгуди́шна се́стра, а́с и гудина́к бра́т* [ПК,2(359)].

Петку 'м. л. име запишано во југоисточните говори' – од текстовите што следуваат излегува дека истата форма ***Петку,*** во првиот случај е употребена како вокативна, а во вториот како номинативна ~ *де, еден ден беше заминал от дома му, друг еден просик та му вели: "ади Петку, стани да појми на сфети Илиа, динеска панаир станува, тамо да просими!"* [V,PM,196]; ~ *пак излезе змиата, фатила да играи, дур си насити и пак му напăлни таистрото алтăни. И така ката ден кату чинеши, Петку напăлни си една кăшта алтăни и си чини по-зенгин от царјут* [V,PM,197].

петле n, zool. dem. од **петел** ~ *ако си петле чопни си пашка, ако си пул'ка – крило си чопни* – ова го зборуваат додека го држат пилето в рака, потоа ќе го пуштат и ако се **чопне за пашка** – значи дека е петел, а ако пак се **чопне** за крило значи дека е **пул'ка** – празноверие **[ТГ,402]**; ~ *"Ки ти кажум едно нешто, ама ки ми слушиш?" – "Ки ти слушам. Татко ми ми велише: "стар чувек што ки ти рече, да го слушиш!" – "Зад тоа, зад тоа рид има едно пăсто село; в таа, в таа кука има чтири кукошки, едно петле"* [V,PM,273]; ~ *Чека ма́јка да-си-до́јде ке́рка-и́ и ка́к не-дохо́ди тăргна́ла да-ја-пресре́тне. Ути́шла в-гура́та, вл'а́гла в-ка́штата. Ка́к ги вид'а́ла черва́та по-дире́ците, падна́ла и умр'а́ла. Мо́ми́чето остана́ло сос-ма́чето, ку́чето и пе́тле́то* [ВС(Кал),336]; в. **петл'ắнце**

петли́рка f 'голема златна монета' (= пет лири) ~ *кога ќи са арма́са мо́мата и зе́тот ќе му да́де пешкеш петли́рка* [BV,130]; ~ *та́а ни́ви ут-Ту́рцте гă-купи́ме. То́ги Ту́рцте ту́рцки па́ри те́рат, са́кат ли́ри. Е, уд-де́ка ти́а? Ја́с зе́х, о-рăсипа́х ни́кафут шо́ би́ше прăви́л све́крут, ка́ кăжа́ де́лто дă-ј-ку́пме ти́а ни́ви. Шо́-ј ни́каф, пи́тиш? Ни́каф еј питули́рка* [ПК,2(238)].

петлица* f 'мала направа со која се запетлува облека, копче' ~ *"е, ако не ми лăжиш, извади белите цицки." И ва тăгл'а петлицата и сă разгăрди* [МС(В),98].

пе́тл'ắнце n, zool., dem. од **петел** [ПД(Пат)] ~ *станах уф зори (прад зори), питлијнта кога прапијаја* [ТГ,11]; – *армасанте* девојки, за празникот *Прошка (Запустејне) бакнуват рăка* на роднините од страна на свршеникот, и добиваат *металик*, а од оние што се поблиски родници по грош два или *игла сус рубија* или *петлинце* (= брош од сребро во вид на петле) [ТГ,34] – станува збор за периодот пред Балканските војни; – кога е најмало се вика **пиле,** потоа **петлинце,** па **петле,** па **питилак** [ТГ,403].

пе́тми́на num 'пет лица', в. **петина** ~ *ми́на́а зăмина́а дваjст и пе́тми́на,[двăj и пе́тми́на, ве́рна дружи́на:[најнăпре́т вăрви Трăjко Мора́рцки,[по-не́го о́ди Ту́ше Богда́нцки,[пра́во си-те́гл'ăт за-Стуjа́кадво* **[ПК,2(272)].**

петнајси num '10 + 5' ~ *детенто по-напрет си даврандиса, сос еден бардак и уклавал петнајси душа* [V,PM,-

63]; ~ *спроти мајчини ми повеленија – мајка ми е дип харна – преде петнајси или осомнајси години да и дошел у д'адова кăшта еден гост, га ореса на мајка ми, за еден вечир са винча сос неа* [V,PM,56]; и: **петна́јсти** (не е: adj) ~ *и за дад'е́ш' на д'ăт'ạнту пе́т' ли́рă за кафе́ту и петна́јсти на т'е́б'ạ* [MS,t,83]; односно: **питна́јси** ~ *има́ш'и ино́ д'ăт'ạ питна́јси, ш'испа́јси гуди́ни; би́ш'и уч'е́л куту́ у Атина, сă би́ш'и фа́тил у иди́н ч'урбаџи́ја* [MS,t,26]; ~ *питна́јси дни му да́ва мјухле́т: то́ за сто́ри по́ху́баву н'ăш'ту ут занајắт'ут-му, но́с за ја в'е́ни мума́та ж'е́на* [MS,t,19]; ~ *за пруминắт питна́јси дни с'е́тн'ạ нарас'т'ува, пу́ш'та три́, ч'е́тир листа́* [MS,t,5]; ~ *сига́ му вили́ на визи́рину: "за ти да́м питна́јси д'е́н'уви мухле́т, да по́ш' да сă науч'и́ш' ш'ту вил'а́т н'ăс, ш'ту ги пи́сахми на тифте́р'у"* [MS,t,40]; ~ *ут мрắва вр'ăм'ă д'ăт'ạту ста́на питна́јси, ш'испа́јси гуди́ни* [MS,t,9].

Пе́тра* 'ж. л. име запишано во Дојранско' ~ *Ста́ни Пе́тро, ста́ни шчерко,[о́јгин дă-нăва́лиш, вичера́ дă-пра́виш,[вичера́ дă-пра́виш Пе́тро, ки-ни-до́јдат го́сте* [ПД,155].

Петре 'м. л. име од Солунско' ~ *напкун и му рече на Петре зандажије: "да ми дадеш бела книга и едно каламар да изписам една молба на Имир Никола"* [МС-(В),93]; ~ *пазарот ни беше три лири и лира му даде Петри пишин* [МС(В),77].

Петриво top. 'име на населба (некогашен чифлик) во Еницевардарско' ~ *тăка је не сăл су Постул ами су сăтă околни чифлици: Грубивци... Петриво* [ME(P),86]; и: **Петриву** ~ *да зăфатимă уд уздолу: на угри-слăнцă Долнăтă Малă,... биз мегјă су Постул, Бозиц, Петриву, Кушинуву и Коникуву* [ME(P),81].

петро́фка кру́ша f, bot. 'дрво круша чии плодови зреат околу празникот **Петровден**' (среде лето) ~ *ја́с, о́п, сă-најде́х на-сре́ди. Една́ цăрвена́ мумиа́, пăлна кру́ши, петро́фки кру́ши. Се́дат Ту́рци ус пиштóле. "Се́дни, се́дни де́те, зе́ми, зе́ми кру́ши, не́-сă бо́ј", ми ви́кат* [ПК,2(358)].

Петру́пол 'град во Русија, Петроград' ~ *о́нај господа́р на Мо́сха, што му рече́, дали́ и́ма Бо́г на ва́шта зе́мја, о́н запа́дна и са чини́ про́сик, про́сиши по ту́ка по та́му, и така́ оти́де и на́ Петру́пол да про́си* [V,PM,153]; ~ *кату чу́ така́, де́тето побе́гна, оти́де пак да про́си. От ма́ра вре́ме се́тни најде́ другари да и́ди на Петру́поли* [V,PM,152].

петстотини num '400 + 100' ~ *отиде, от един увреин на заим пари земал, от един до петстотини гроша* [V,PM,192]; и: **пе́стутини** ~ *и пи́те чуве́ците, кој какво́ да-но́се. Таа ка́жа́: – Ако-сте-сто́ ко́ли, да́-сечи́нăт пе́стутини, ил'а́до* (пишува: 'ал'адо' - печатна грешка?), *ко́лку мо́же; мајстурто, ако-са-де́сет ду́ши, не́ка би́дат петна́јсе, два́јсе, сто́ ду́ши* [ВК,283].

пе́тăк* m 'петтиот ден од неделата' ~ *свекăрут ќе-оти́де у-мо́мата ... ко́га ќе-му-па́дне пăт, – за-сва́дба да-се-прикажу́ват. Ќе-ка́же свекăрут: "Ќе-да́јш мо́ма- та, за-ф-неде́л'а сва́дба да-пра́виме?"... – "Ќе-си-зе́ваш тăпане, на пе́тăкут о́ште тăпанут ќе-го-зе́ваш, це́ла сва́дба ...да пра́виш* [ВЕв(Бар)]; и: **петóк** ~ *на у́тринпа де́н шо́ и пу петóкут, си насăбра́ле Старе́ите и Ф-те на Пила́то, и му ве́леа: А-фе́ндо, сă и смили́хми о́ти та́а ла́жа шо си*

рёкал, жи́в бидёки: пу три́ дни́ на́икун ки застáни [MV(K),289] – периферните говори по правило кријат повеќе архаични посебности, таков е случајот со зборoформата **бидеки**, во која се зачувала глаголноста: *тáа лáжа шо си рёкал, жи́в бидёки;* и: **питóк** ~ *ее-е, сă-сиќáвум, ќá нé сă-сиќáвум, кут сјáа мé-j: уф-питóк сăбáјлинта, вýјко пригнá вăлóјфто, уддé нă-мисúркăта. Шó брé тáм нă пăзăрúштто сă-нăпăлнúло чувёци? Кукушéне сúчките избигáли* [ПК,2(247-248)]; ~ *Мурáрци пá христијáнско сéло бíаше и Алéксуво, тăкá пуд-нáс уд-дáлу, а нúа бúме уф-стридú-пăк. Штéмница бúше нáшто сéло, тáм сă-бérше и пăзáро уф-питóк* [ВК(Пат),288]; – така е во Кукушко, во дојранско-гевгелиската регија има фонетски измени: во Фурка **питóк, но во** соседната населба Богданци **пѝтóк**. Во минатото овој ден се третирал за празник: тој ден сите постат, нова работа не се почнува, исто така не смее глава да се мие; сп. верување: *кăсметлија си бил, мајка ти не је придела спурти питок* (се однесува на човек што "се спасил од голема несреќа затоа што мајка му празнувала тој ден"). Некои **питоковци** имаат свои имиња: **Вели-питок, Сирни-питок, и Балакли-питок** (= првиот петок по Велигден) [ТГ,9]; во крајниот југоисток се среќаваат траги од назалниот изговор (примерите се од Солунско): *п'ёнтук* – сп. **стсл. пѧтъкъ** [MS,s,81]; ~ *после за растроши еден кулак от онија, што сторили на пентук, и ки го фăрли напрет и наѕат, за ирмен за си прикрăсти три крăстови* [V,PM,250].

п'ёфира m, в. **пехер** [MS,s,81].

пехер* m 'татко на сопругата, дедо' ~ *он отúде, му казá на кадúата, и на мăжсó и на пехерó ú* [V,PM,11]; ~ *оттамо пак арапинот издигнал сандукот, гу и нел на пехерот му, л'у нетри на дворут го остави, и побегнал* [V,PM,235]; ~ *тој зема царјувата мома. Кату са винчаха, тој му вели на пехерот му: "е, пехер мој, сега ниа адет имами, пăрво да дадеш на момата ти еден хубав кон"* [V,PM,237]– во контекстот имаме употреба на номинативна форма во служба на вокатив: **му вели на пехерот му: "е, пехер мој"** ; ~ *му вéли: "господúне, динéска чух, пехерó ти, кажýваши на сел'áните, ча си вúдел на сóнут еднá какарáска"* [V,PM,31].

Пехца top. 'примитивна печка за редуцирање на железната руда'; сп. стсл. **пещь** (Мрвашко); во околината на с. Старчишта (Драмско) "Покрај коритото на **Задменска река** се гледаат остатоци од стари печки (сп. топ. **Пехци** – мн. форма), каде што се обработувала рудата"; обработката на железната руда во минатото во Драмско била доходовна дејност, за тоа сведочи богатата микротопонимија, сп. уште еден пример: **Пехцето** 'ниви и ливади покрај **Караќојската река**' (Драмско), таму била печката (*пехцата*) на *Гуџјо-чорбаџи* којашто престанала да работи некаде кон 1900 г.; на друго место, покрај **Сенгеловската река** имало грамадни купишта згура, доказ дека овде на големо се обработувала железна руда [ЈИ,Ми...,172].

пёчат m 'направа; трагата што ја оставa таа направа врз документот ја потврдува веродостојноста на напишаното' ~ *ќе-ви-ги-плáт'ą, вáжнo, ќи-ми-дáјти дoкумéнт. Смéткą, рáспискą, пёчат, óти кýпенą уф-Бąлгáријą земл'áтą* [ЛС(К),121]; ~ *и дујдéли. "Има лéк?" "А-а, úма,*

а́ма ќи-да́јте дă-в-у́друм п-а́јн мију́р нă-гắзо, п-а́јн пича́т". Е, шо́-ќе́-ј? – ут-ко́јн пло́ча [ПК,2(231)]; ~ *"До́бро, му-ра́че́л, слу́ши, ја́ тăка́ нă-стра́на, дă-изви́нте, ја́ еди́н та́ткуф печа́т дă-т-у́друм нă-гắзо, на́-ти е́дна шăка́ пăри́". То ка́-ј виде́л пăри́те: "Па́, ра́че́л, шо́ ки-би́де еди́н печа́т а́к ми-у́дре нă-гắзо". И му-уждо́ре е́н-печа́т* [ПД150].

пече impf 1. 'кога нешто (пр. месо, јадење) е ставено на оган и се приготвува за јадење' ~ *ка слуша́ шо и Да́скалот, си убличе́ јубе́ту (о́ти би́ло го́лин) и си пушти́ уф мо́рито. Па дру́зите Учени́ци дујде́ле су ќа́јикут. Ка испадна́ле на су́хуту, а гле́дат о́гин запале́на, и ри́ба шо си пе́чиши, и ле́п* [MV,K,338] – проширена употреба на суф. **-ин** во придавката **голин** наместо 'гол'; второ: рушење на категоријата род (именката во машки а атрибутот во женски род): **гле́дат о́гин запале́на;** ~ *оттамо отидоха на едно место, една водиница три камини брашно мелеха, и троица месиха, и троица печјаха, един јунак не можаха да гу најадат* [V,PM,233]; ~ *тој, кату отиде малко нетри на дупката, беши нашел една стара баба, палила една хурна да пече л'ап* [VP,M,221]; ~ *жената кату ја чисти харно кокошта, кога гленда гол'амото дете, на кокошкината глава пишиши, ча кој за ја јаде главата, цар ќи си чини. Кату виде така, ја откраде главата, побегна, са скри, ја печи, ја изјади* [V,PM,231]; ~ *е, се́га гу-викну́ва бра́т-му нắтре, о́де бра́т-му. Гуткри́ва́т, шо́ ќи-ви́ат – о́вен. Гуде́рắт, гу-бе́сắт и гу-пе́ча́т дă-гуја́дắт. Тугá сă-сми́ри су-бра́ту. Ето во́-е: "Бра́т бра́т не́ ра́не – те́шко то́ шу-гу-не́ма"* [ДК,152]; ~ *гу сă зако́лили д'ắт'ањту, гу сă кла́ли у ху́рната да гу пика́т* [MS,t,**80**]; 2. **'грее' (сонцето)** ~ *то́-ј ле́тто, ко́га пе́че но́го* [ПД(137)]; 3. изр.: **нă-гắзут ја́јце му-с пе́че** (= на голема мака е); **го ма́че, куту нă-жа́р допе́че** (= кога некој е подложен на сурова тортура) ~ *но́го го ма́че, гу-јстиза́ве, живо́то мо́-ј куту нă-жа́р до-пе́че (нă-ши́ши до-ва́рте)* [ПК,2(186)]; **ле́п са-пе́че** (= лете кога зреат житата, кога е голема жештина) ~ *то́-ј ле́тто, ко́га пе́че но́го, прăд же́тва, вурки́на-ј, о́јгин еј но́го* [ПД,137].

пе́-че́с num 'пет-шест' – приближен број ~ *а́с би́х нă-гуве́та, гуве́та па́сăх, дујде́ чи́к-ми, нă-та́тку по́ мăле́чук бра́т и кăжа́: "Ајде бе́гат си́те, ќи-бе́гме га́ре". И уддé се́лто, пригна́ ади́н sигва́р, а́дна ко́ла прăгна́а. И ни́й пу-чи́ко, и́мăхме пе́че́с гла́ви гуве́да и две́-три́ ко́зи, и зăбра́ме и ка́рăме. Пра́во нă-Ште́мница о́дме, то́-ј па́т нắ-го́ре* [ПК,2(Мор–218)]; ~ *гле́де ади́н га́рчки вујни́к сто́ нă-па́то. Ни́й о́јме зă-Га́рција, ми́слиме о́ти па́к е ту́рцко, ќи-не́ма гра́јнца. "А, ви́ке, ни́й уд-Га́рцте бе́гиме, па́ нă-Га́рцте ќ-о́диме". И дујде́ме ду-не́го, зăпре́ме. "Зăпре́јт ко́л'те"; пе́-че́с ко́ли тăка́, про́сти ко́ли, ус-две́ тăркала* [ПК-,2(Мор–220)].

пе́ч'ин* adj 'храна (пр. леб, месо) што била на оган и така е приготвена за јадење' ~ *та́м има́ш'и ина́ пе́ч'ина га́ска ут ва́нк на пиш'ќу́н'у и га́ската б'а́ш'и на мелези́мину* [MS,t,56].

пе́чини ко́ри pl 'вид пита' (во западните говори: **тури-печи**) ~ *то́ -ј ба́ница, сă кла́ве ма́лчко ре́тко те́сто уф типци́ита и сă-зăпе́чува, се́тне па́ сă-кла́ве ут-те́стто, па́*

că-putpе́чуве и сѐ тăка́ ду́р дă-că-нăпа́лне типци́ита [ПК,2(84)].

пе́чка f 'железна направа во која се пали оган, служи за загревање на простории' [ПД(Пат)].

пе́чăво n 'јадење печено' ~ *за* **гу-ле́мјут ниппа́н** *дуjдéа пáк тóг'иска óсум ду́ши: свéкурут, вýjкото на мóмчто, тéтинут дуjдé, дéвирут (брáт му), кýмут дуjдé и дрýзи ни́jни рудни́ни, бăрчéдăвци. Нóсаа пéчăво, ри́ба уф тáва* [ИГ,116]; кај Тановиќ, пак од Гевгелиско: *печуво* – пред свадбата свекорот со блиски роднини одат да ја посетат невестата да ѝ порачат *да се чине азăр за уф чужда куќа*, при тоа тие носат и подароци: *кулак, печуво и карта сус вино; кулак* е леб од пченично брашно; *печуво*, ако е пост – риба *шаран* печен во тепсија со кромид, а исполнет со различни мерудии, а ако се мрси тогаш: печена гуска (или мисирка) [ТГ161]; на друго место, пак кај Тановиќ: *уф типција пуд вршник пичено месо* [ТГ,208].

пе́ш adv 'движење само со нозе', в. **пе́шки** – во илистративниот контекст што следува ги пренесуваме доживувањата на Ефка Кол'ува од с. Иџеларе, Кукушко, која што го доживеала егзодусот низ кој поминале многу Македонци од југоисточниот егејски дел за време на Втората балканска војна 1913, кога грчката војска со преднамерна цел да приготви услови за елинизација на односниов простор го уништи градот Кукуш и триесетина села во околноста. Тоа го правиме, свесни дека ја оптеретуваме речничката граѓа, но исто така свесни дека тие факти треба да се забележат за да не се заборават. ~ *Кá бигáме? Ни́а, нéл' кăжáме, ут-мójто сéло, ут-Иџиларе, că-фăти́ бójo, и кá бигáме одвéчăр чувéцте сúте си-тувăри́а кóл'те. И пригнáа кóл'те, чини́а. И мójто тáтко, тувă-ри́ме, чини́ме и сăбájлинта мájка ќи-нă-jспрáте дéцта, кá ќи-пýкне гăрнáтта прику кăштта и вăлóвто, адúнjут нă-гóре, адúнjут нă-дóле о-уднисé. Тувáрна, азăр, кóлта с-jаа-устăвúме, тăкá избигáме ус аднá дýша. Ус-житвáрски рýби, кăквú бúли, ус-тăквú с-jóдаа чувéцто, ус-дрúпуви рýби. А дрýзи сéтне нă гóре, шо бигáа, кá-с-утвурú бojo, пó că-нăбăвúа, пóслăбóдно си-зимáа шéj. Ут-тáм, а-брé, а-брé, тáа зúма уддéме уф-Сóфjа, тáм сидéме. Ду-Сóфjа сѐ пéш удúхме, сѐ нă нóга. Вujнáта, нúа бéгме, вujнáта пу-нáс úде. Нúа нăпрéт бéгме, нă-мóж дă-зăстáниш, ák-устáниш ќи-т-искóл'ат. Că-вăрнáа адни чувéци, Гăрцте бúа ги-исклáле. Тăквó бéгне дă-нé-дáа Гóспо. Пó-л'то гóрше. Снóпто пу-нúвте ги-згурéли. Лéбо гу-гурéли, жúтто. Бáш уф-жéтва сме бигáли... Пи-трóвдăн. Ут-кá бигáме тáа вé-чăр, уддéме уф-Кýкуш лижáме. Имăхме тáм аднá кýма, тáм уф-нúх лижáме. Тáа вéчăр кá прă-лижáме сéтнă немá лижáне, сéт-не, сéтне, бéги, бéги... ги вăрвéме тó Грăмáдна сéло, тó Нимáнци, Рóшлăво, Дрăгумúрци, Жéнцко. Тáм, демéк, шо бúа пóблúзу ду-нáшто сéло. Нúа сме пăрви Иџиларе, утáм că-фăтú бójут, оти мúќи Кýкуш и мúќи Сóлăн бúше. Пу пăтут: нăрóт, нăрóт, глéjш чувéк умрéл нă-пăто. Бé-гат, мадáм Тýрци úдăт, ќо-устáвăт нă-пăто ýмрин чувéко, жéна – бúл, мăш – бúл, дéте – бúл, шó дé-j г-устáвăт. Ее-е, шó нăрóт изумрé пу-пăто. И-мájки устáваа дéца нă-пăто. Млáда жéна глéjш умúре, áj-вăрват. Иат Гăрцте, тăквó бéгине бúше тóо. Дă нé дáа Гóспо* [ПК,2(Ип-282-283]; ~ *"Е-шó тă-кá?" – "Ми-*

бижáнци сме-нúй, нă-адни́ тăргóфци кăрáме стóка, зă-пáри. Нé ни-сă-плáште нă-пăмпýро, тăкá кис-óјме пéш" [ПД(172)].

п'éш' f 'фурна (направа за печење леб, печиво и др.)' ~ *тјáнака по-нáпрет отúде, кóлко јýди самовúли úмаши тáмо, ги кладé, измéтоха, изчúстиха хáрно нéјните конáци, та úм вéли: "скóро влезéјте нéтри áф пештјá дá си искрúјти, чá аскéр млóгу дофáда!"* [V,PM,140]; ~ *да гу клад'é на пиш'тá да гу испич'é* [MS,t,51]; ~ *исл'áзи пијдáх идúн арáпин кáта д'éн' ут нузú с'éлу јад'ăш'и пујнá п'éш' л'áп, пујнá мóма... гу з'é, гу закáра на кадăнфатм'а, да гу клад'é на пиш'тá* [MS,t,51]; ~ *му вéли нá дјáтето: "úди да му кáжиш на цáрјут, чéтри óки брáшно чúсту сáм дá гу цéи, ...едúн л'ап да гу чúни, и пăк тóјнака сáм да гу полóжи на пештјá"* [V,PM,122]; ~ *утúди, утúди мрăва пăнт' и нáјди инá péш' пýлна л'áбуви* [MS,t,**61**] – во текстот за некогашното вокално л имаме рефлекс **ул**: *пулна*, што може да се објасни како лабијализација, бидејќи основната замена за споменатиов глас во овие говори е **ăл**; ~ *и тój ги з'éва книгиту, у пиш'тá ги фăрл'а, ги згур'áва* [MS,t,**37**]; ~ *с'éтн'а ја пулáват ш'úч'ката тапс'á сăс máслу, ја закáрувáми (баклавата) на пиш'тá* [MS,t,**8**]; **сп. хýрна**.

пéш'ка impf 'стенка, офка' [MS,s,82]; ~ *по дно време еден уврејн от ониа, што фрăкат на Солун прăст, излеваши вăнка, и тој, кату фрăкаши прăст, си уморил, велаши "ох" и седна да си почини тамо. Дека седна еди-тамо, ету излезел еден арапин, му вели: "што дјадо така пешкаш тука и викаш: ох!"* [V,PM,234]; ~ *фашта уврејнот, му дава на арапинот едната мома, зева трите врăвја алтуните. Пак от неколко дни сетни излазе уврејнот вăнка, фати да пешка* [V,PM,234]; ~ *а когá стáнá, просикот фати, си врăзá пак чакúйрат му, побăрка на земјáта за да везми кривáкот, но не можá да гу нáјди. Кату ахкаши и пéшкаши прóсикот за кривáкот, един човек питá го: "штó дедо ахкаш и пéшкаш такá?"* [V,PM-,189].

пешкеш m 'подарок, дар' [V,PM-376]; [BV,131].

пéшки adv 'движење само со помош на нозете' (без превозно средство), в. **пеш, пишак** ~ *вéле: "Вúй уд-дéк сте?" – "Нúй-сме, вúкум, бежáнци, ут-Струмичко, крăј-Бăлáсца, тáмо. Куту-сурмáси чувéци, кăрáме дубúци нă-ајн-тăргóвиц, дујдéме тýка. Нătрéно né-ни сă-дáва пáри, трăгнáме пéшки. Кýкуш, вéл'ум, дéка-ј?"* [ПД,172].

пештера* f 'голема дупка меѓу карпи' ~ *и тамáн агá бјéше на вратата на пештерéта, и нат нéк от гóре дóјде другúе óблак и пугăрмјá сас óган, са фăрли гróм та пáдна, та одáри змијéта* [V,PM,260]; ~ *и тојнака, кату си најади, стана му помогна на старицот, сече и тојнака мăра от дăрвоту. Вечерот стариот му вели: "синку, благодарим ти динеска, што ми помогна, затова това вечир ти са мол'ам: ела да идими аф мојта пештера на гости!"* [V,PM,84]; ~ *на Стáра Планина гóре úмашја адно сéло, што сá зóве Пирúн сéлото; и нáт сéлото гóре úма пéштери од сакалé* (= соколи) [V,PM,259]; и: **пиштера** ~ *И нóсе, нóсе уд-дека-удéле, пу-пăт пучнáле пугóре дă-óдăт пу планинта, пу-*

спили́јна, у-ка́рпи. "А, си рекла, ва не-ј арна ра̀бота". Е, а-нуси́л, а-нуси́л и о́де на-адно-ме́сту, кре́ва а̨дна-сте́на, а-кла́ва на-кра́ја, а та́ пиштера̀ да́-е [БМ(В),194]; сп. top.

Пештерата 'длабнатина во карпи' над манастирот *"Св. Костадин"* (Клепушна, Зилјаховско); има случај кога името *пештера* од релјефен се префрлил на хидрографски поим, сп. *Пештерник* – река, лева притока на *Караќојската река*, која што пак доаѓа од карсни извори, од околината на *Врисова Пештура*, во близина на Трлис [ЈИ,-Ми...,172].

пиа́нсфо n 'состојба на организмот по консумирање на жесток алкохол, кога човекот не е свесен за своите постапки' ~ *аку фа́тиш, си́нку, сос пиа́нсфо и сос калпе́и и сос лошотии, да зна́еш о́ти ки гу изја́диш има́ниту* [V,PM,7].

пива́рски* adj 'нешто што се однесува на пијачката пиво' ~ *збу́ра са ка́пка пу-ка́пка и да-напа̀лни едну-ши́ше пива́рско. Напа̀лни́ шо напа̀лни́ едно-ши́ше и ќи-о́да̀т идна́ стајница милицио́нерска, да̀ме́к пулицијска де* [БМ(В),190]

пидри́ка f 'волна приготвена за предење, кадела' ~ *Ка́ са̀-преде́ли? Е, фу́рката те́-ј ту́к-та̀ка́ за̀бо́дна, на̀-по́јсо и ќи-ма̀книш ни́шката; ту́к ќи-ва̀ртиш та̀ка́ и ќа-завију́ш ни́шка̀та. Па́ ќи-пу́штиш, па́ ќи-пре́диш. Сѐ та̀ка́.* – ~ *Руда́но* (= направа за предење, чекрк). *Ка́ те́-ј курди́син и́ма ја̀ле́зно ва̀рте́но. Ва̀рте́нто ка́ ќо-кла́јш и́ма руда́но та̀ка́ ча̀па̀ра́шка, ќи-те́-ј курди́син и ќи-си-пре́диш. Ќи-ва̀ртиш руда́но. На̀-руда́но има ма̀ка̀ра́. Е та̀ка́ ва̀рте́нто ќо-кла́јш и ќи-си-зафа́тиш. Е-е-е пидри́ка̀та ќи-сја-та̀ргниш и ќи-за̀ви́јш та̀ка́* [ПК,2(Пл–254)].

пи́е (и: пи́ј) impf 1.'во организмот внесува течности (вода, вино и сл.)' ~ *у́тр'а̨ да по́ј з'е́нт'у ут ко́зит'а̨ да в'е́ни иди́н ерќе́ч' да зако́лими, да јид'е́ми, да пи́јми* [MS,t,17]; ~ *"и ш'то пра́ви там на́с мо́ма?" – ја пи́та ба́бата; "мума́та та́м јад'е́, пи́ј са̀с измиќа́ркит'а̨, ни мо́ж'и да по́ј пуиди́н ни́ту пи́ла̀ биле́"* [MS,t,21]; ~ *са̀ разбу́ж'да мума́та, бра̀ка ш'урбе́т' , да пи́ј, пути́ру пра́зин* [MS,t,21]; ~ *тој вели: "же́ну, се́га си најдо́х ка̀сме́т'у, немо́ј ми ско̀пса̀ш! Сега́ ету пари ти доне́сох да ја́диш и да пи́еш"* [V,PM13]; ~ *"и́ш'тиш' да до́ш' са̀с м'е́н'а̨? за ти да́м ајла̀к хил'а́да и пе́т' стути́на драхм'а́нта и да ид'е́ш' и да пије́ш'!"* [MSt,73]; ~ *"да ид'е́ми, да пије́ми и да си иб'е́ми!"* [MS,t,78]; ~ *сидна́л ми е Ма́рку и Јанку́ла [ја́дат, пи́јат, ла̀ка̀рдија чи́нат* [МЕ(Р)95]; ~ *за с'е́днат у дума́, за пучи́нат, за пи́јат кафе́, раки́ја и за вич'е́рат* [MS,t,67]; во употреба е и редуцираната форма *пи́ј*: ~ *виде́ на чешмата̀ да пи́ши едно́ пи́смо така́: "кој не́ ки пи́ј от та́ја во́да еди́н та́с, ма̀ж не си бро́и, от же́на по-олча́к је!"* [V,PM,122]; ~ *и то́ј каздиса и му кла́ди фарма́ј̀к на вино́то за да пи́ј* [MS,t,60]; ~ *"Ха! Ки носум на Св. Испас, а дали Св. Испас јаде или пије? Јас пак за него носум, а не друзи да јадат! Кога он не јаде и не носум!"* [ТГ,324] — текстот укажува како верскиот фанатизам кај дел од населението ја губи некогашната сила; **2.** изр.: **пи́јам т'ут'у́н'** 'пушам цигари' [MS,s,81]; **ус-бубајк кра́фта ми-а-пи́јш** (= систематски ме измачуваш) [ПК2(205)].

Пи́жов (Пи́жув) Тра́п top. (сп. **пи́жо** – заштитно име на скороро-

дено, некрстено дете; **трап** – мало возвишение) [ЛИ,Ми..., 172].

пизивол m 'мрежа за ловење риби, личи на конусовидно ќесе'. **Пизиволот** е сплетен од праќе, отворот е нанижан со олово, а врвот врзан со долго јаже. Со него се лови секаква риба, но само на крајот на Езерото. Се вика уште и **сертме** [КД,60].

пи́зма f 'лутина, омраза' ~ *пи́зма не́ дӑржум а́ска* [ПК,2(84)].

пизми* impf 'мрази некого, го измачува' ~ *ричé Го́спот на не́гови Ученѝци-ти: Ва́а и повéлата на ва́с, да си милу́вати идéн на дру́ѓут. И сфéтут аку ви пи́змат, а зна́ите шо пиши́н ут ва́с на мéн каскандиса́ле* [MV(K),296]; ~ *и́лим чу́нким не́ сти ут во́а сфéт, туку́ ја́с ви прибра́х на ва́с ут сфéтут, зарди́ то́а ви пи́змат сфéтут на ва́с. Да ми́слити прика́зната шо ви рекóх ја́с на ва́с. Не́ и по́гулéм измика́рут ут а́гата не́гуво* [M-(K),296]; ~ *аку не́ и кажа́х на ни́х, ка дујдéх, немáле грéх... Кój пи́зма на мéне, и на Та́тко ми гу пи́зма* [MV(K),296].

пизу́л' m 'мал отвор во ѕидано огниште (настрана), таму стои **пирустијата** кога не се употребува' [ПД(119)]; ~ *то́о дéте дéн виздéн го-пасéл јӑгнѝнцто и-вичиртá сӑ-варѝне дóма сус-јӑгнѝнцто. Јӑгнѝто пра́во на-пизу́л'о утúве и ру́п-ру́п-ру́п фӑти́л дӑ-жва́ке адин-вӑ́глен* [ВК,284], кај Д. Иванов (од Гевгелиско) објаснувањето е подруго: 'ограда на огништè' [ИГ,127]; слично објаснување запишавме во Кукушко: 'ниско ѕитче до огништето' ~ *сéдни ду-пизу́л'о, си-стóплиш рӑ́цто* [ПК,2(84)]; сепак односниве "различни" објаснувања имаат единствен заеднички именител: 'место покрај огништето'.

пи́ивиц m, bot. Lolium temulentum 'пијанец' ~ *ра́сте уф-жи́тто, а́к не́ сӑ-исчи́сте ка́к сӑ-сме́ле, ле́бо шо ќ-о-ја́јш тӑ-упи́јве, сѐ-т-сӑ-спи́и* [ПК,2(84)].

пи́ивица f, zool. Nirudo medicinalis 1.'мекотело животинче, без 'рбет, живее во води, ако дојде во допир со кожата на човек почнува да смука крв, се користи во народната медицина' ~ *до́д Ра́јна, о́ти а-бо́ле гла́-фта, че́сто си пуштýве крӑ́ф успи́ивици, сéтне по́-а́рно и́ ej* [ПК,2-(194)]; ~ *грлото ји било, мале,[куту остра сабја,[лицето ји било, мале,[тиквешка пугача,[очите ји биле, мале,[кустуренски црепи,[вегите ји биле, мале,[морски пијавици* [ТГ,52]; односно **пи́авица** [MS,s,82]; 2. изр. **али́с пи́ивица** (= се кажува за претерано упорен човек, што по секоја цена сака да си ја исполни целта) ~ *ка́к сӑ-запи́и али́с пи́ивица* [ПК,2(84)].

пија́н adj 'кога некој консумирал повеќе алкохол и ја изгубил контролата' ~ *"пу́стој, дја́ку, и ти ката́ по́пут пија́н-си"* [MS,t68]; ~ *пијан идам јод града,[Велико мори![Велико мори![сритох мома в ливада,[ej, ѓузел мори,[ej, ѓузел мори,[на којн трева жнијала,[Велико мори![Велико мори* [ТГ,345]; ~ *и што си веле младо јабанџијче пијано:["Седи сус здраве, тенка Малишовка јубава!"[и што му веле тенка Малишовка јубава:["Оди сус здраве, море, лудо младо, пијано,[оди су с здраве, море, лудо младо, без пиштоле!"* [ТГ,156]; ~ *царјут остана тамука пијан, си заспа. А ма гнусниот човек, кату беши млогу акáлиа, зема покривка, гу покри на*

царју́т [V,PM,58]; и: **пи́јăн, пи́јн** ~ *já кут áска ká си-ј блáскум áнґăл'то ус-си́но, сно́шти пá пи́јăн дујдé* [ПК,2(193)]; ~ *пи́јни би́а (бáа) си́те ду ,еди́н...*

пијана вода (< **пеена вода** – со редукција = вода над која пеел попот, "света водица") f – на празникот **Вудици** сите одат в црква, брзат да стигнат, да го слушнат попот кога пее *"Во Јордан'е..."* Кога ќе заврши литургијата *се свети вода. Водата се свети* или *крсти* пред црквата, во еден голем котел. Откако ќе *се крсти* водата, попот со китка босилек ќе им прсне по челата на верниците. Добро е, за здравје, човек да се напие *на гладно срце* чаша *крстена* или *пијана вода* (суеверие) [ТГ,25].

пијандýрко m, в. **пијаница** ~ *сă-прăжúнй, уддé ут-тáрăн нă-глóк, сјáа пă шó-ј сă пугудú áдин пијандýрко* [ПК,2(207)].

пијани́ца m 'тој што пие многу алкохол' ~ *и тикна за Ѓуро пијаница от Куфалову* [МС(В),97].

пијáтка f, dem. од **пијато** 'плиток сад' ~ *пијáтка мóш дă бúде уд метáл, мóж дă биде ут пурцулáн* [ПД(120)].

пијáто n 'сад, чинија', в. **пијáтка** ~ *пијáтки ги вúкуме ти: плúткички шо сă, а дăлбóка ако-ј пăни́ца сăвúке; пијáтка мóш дă бúде уд метáл, мóж дă биде ут пурцулáн* [ПД(120)]; ~ *нá Петрóвден бахчеванџúата собрáл смóкви от лóзите, кладé нá еднó пиáто и му вéли нá дéтету: "á брé чéдо, зéми товá пиáто сос смóквите, да гу закáраш на господáро бахчúш"* [V,PM,150].

пијдáх (и: **пи:дáх**) adj 'присутен, постоечки' ~ *подно време имало един млогу чорбаџиа, штоту имал дванаеси синови и имал една воденица. И на таја воденица пеидах са чини една млада самовила. Таја самовила ката година изјавала и издавила по еден от тиа дванајсите синови* [V,PM,277]; сп. **пијдáх стáнувам** (= се покажувам); **стáна пиздáх идúн клáјанц н'éтр'а; исл'áзи пијдáх идúн арáпин** [MS,s,82].

пи́јини (и: **пи́ане**) n 1.'пијачка, она што се користи за пиење' ~ *и фáф сарáе фнéтре така сú свáтешја и данјá и нашјá, и нúшто ни липсовáшја фáф сарáе нúто óт едéне, нúту от пúане, нúту о(т) дрéхи за нóсене* [V,PM,259]; ~ *за тузú ми бирéш' гајлé, бáбу, ја-за кýп'ăм јáдини и пúјини!* [MS,t,21]; и: **пи́јне** ~ *адúн дéн чýл нéјнут л'убóвник óти, знáјш, утпăтувáли нă-гóре, нă-дóле, кăжувáли: "Абе, нă-едикój-си áн јáдине, пúјне бес-пáри – сáмо зăáднá прúкăска. Мóже, дă сáке чувéк, дă-сéде двá-три мéсци – пáри нé-му-сáкăт úч* [ВК,283]; 2. 'чинот, употребата на она со што се заситува жедта – пиење' ~ *му вилú: "пýстој, пóпи, ут млóгу пијéни пáдна"* [MS,t,68]; ~ *удáта, ш'у им'áха за пијéни у варéлит'а, му битúса* [MS,t,84]; ~ *Проч'уло сја дур на царја, та и неговăтă керкă поискала да идjă и утишла. Като видела , как сја чашата напăлне алтанjă на сјако пијăне от нејă, поискала да ја земе* [V,PM,285]– во контекстот имаме пример за употреба на перфективен глагол во презент: **как сја чашата напăлне алтанjă**.

пи́јне* pf 'се напие малку' ~ *и ќи-зéла стóмните, ќи-зăминáла зă-Чучýро* (име на извор). *Едúн-пăт, гă-стрипéла нéкаа жéна, сă-викáла Гóрска сăмудúва. И рéкла: "Мóмичко, дáјми дă-пúјнам вóда". Тáа мóмичка*

ú-пудáла стóмнăта дă-сă-нăпúе. "Блăгуслóвна да-си, кá ќи-прăгувóриш, кá ќи-с-јóдиш дóма, злáто и стрéбро уд-ýстта да-ти-нáѓе" [ПК,-2(Крец-301)].

пикái̯ (сă)* impf 'исфрла урина, се моча' ~ *бáбата úш'таш'и да сă пикáj."Тýка сéр сă, тýка пúк сă"* [MS,t,74]; ~ *"утúдух на цáр'у, му сă пикáх на уч'úт'ạ, гу усл'ạп'áх цáр'у"* [MS,t,24]; ~ *друго рекло: "Јаз, като сă мијăше царската керка, пúках сă в лигено и ослепја, та боедин лекарин ни може да јă излекува"* [V,PM,281]; ~ *отамо дојдоха едни базирѓани, седнаха отдол брјастот на сјанката, и, л'у седнаха они, лудојут му вели на умовитојут: "Брате, мене ми са пикај, ки са пикам от тук надол"* [V,PM,229]; ~ *му вилú ...: "т'éс ш'ту за дóјат, ни прáви да сă пикája у инó ш'иш'é да за му гу прудад'éми л'ăк на т'ăх"* [MS,-t,36].

пикаса pf 'забележи', в. **пикасува** ~ *втори пăт ка му и носе друзите јајца на чифутинут, гу питал ут дека и зиме. Он му кажал за ко(ко)шката. Чифутинут пикасал работата, си кладел на умут, как да а заколе таа ко(ко)шка; зашто кој ú јадел главата, са чинувал цар* [V,PM,274]; ~ *éдну врéме сиживăјáле едúн пóп и éдна пупăдúа. Пу-нéкулку гудúни уф-нúјнит брáк пучнáла неслóąкта. Пупăдúата чéсто пăта сă-нăјдувáла ус-едúн нúјн кумшúа. Пóпут нă-мужéл дą гу-пикáсе тóа* [ВГ(Бог),275]; ~ *рéкąл: Зашт'о си расчýдите лóшо уф сăрцúти вáш. Шó-і пóкулáј да рéчам: ти и прустéни грéхови, úли да рéчам: стáни си, и хóди си? Илим, акý сáкати да пикáсати шо Човéшното Сúн úма пувéл'а наврąс зéмн'ата* [MV(K),266]; ~ *А-зéл лисúцта, афăрлúл нă-кóлта ... Лисúцта пулéка, пулéка лăзéјќи дујдéла ду-адúн кóш сус-рúби и ăднá пу-ăднá сúте рúби ги-фăрлúла... Мăтрăпázо нúшто не-пикăсáл* [ВК(Пат),285].

пикасува impf 'забележува', в. **пикаса** ~ *колку повичкја полјто сă ближă ду морту толку едвај се пикасува* [МЕ(Р),75]; [МЕ(Р),174]; сп. ~ **зáпикасј-о дéк óде** (= види каде оди) [ПК(Грам)].

пúке (сă)* impf 'се турка, влегува некаде на брзина (низ тесен простор)', в. **пикне** ~ *шó сă-пúкиш тáм?* [ПГ...].

Пикла top. 'дол што минува низ с. Тăрлис, Драмско' – име од гл. **пикá (сă)** 'се моча'. "Често име на извори и реки, што го добиле поради влажноста на бреговите" [ЈИ,Ми...172].

пúклу n 'дете што се помочува в гаќи' [MS,s,82].

пикмéс(з) m 'вид конфитур, варено, превриено овошје' ~ *за дад'é млóгу грóзди ... за гу змáчками у пáтусу и такá за пýсними мăс за да стóрими пикмéс* [MS,t,4]; ~ *царјут му га не даде момата, л'у му вели: "три ока пикмез, три ока мет, три ока катран ки гу разбăркам на едно и, аку можиш да разделиш пикмезу башка, медот башка и катрано башка"* [V,PM,97]; и: **пекмез** – без редукција ~ *та за езми една баба от малките колачини, за ги намажи сос мет или пекмез да на момите за да даде по едно, хем за ги намажи по лицето, вел'ајќе на них: "на мари, да сти благи момушки, да ви л'убјат јунациту!"* [V,PM,247].

пикмез-таваси m 'сад (тава) во кој се вари конфитур (пикмес)' – сп. го обичајот: в понеделник, по свадбата се пие *блага ракија* (доколку невестата била чесна); ќе се запали силен оган и се прави *ирмик-алваси* (вид алва од гриз), се вари во поголем, но не длабок сад **пикмез-таваси**. Ракијата ќе биде зашекерена и црвена, зашто *алвата* и *благата црвена ракија* се симбол на чесноста (на девојката) [ТГ,186] – позајмено од турскиот јазик и како лексика и како образување: **ирмик-алваси** – именка во служба на атрибут (м. "ирмична" алва), истиот образец и во: **пикмез-таваси** (м. "пикмезна тава").

пикмешче n, dem., в. **пикмес** ~ *мори уф килар ки флезам, ле мале,[и оно пу мене, мале... и оно пу мене:["Море, тур-ми, тур ми, мила ле додо,[пикмешче на лепче, додо, пикмешче на лепче* [ТГ141].

пи́кне pf 1. 'стави нешто во тесен простор', в. **пи́ке (сă)** ~ *и-ни́й стигна́ме и-мурăрча́не сă-свăли́ли дă-ги-прăчé-кат. Сă-прăбра́ме, нă-зăкăра́: нă-Бă-ла́сца. Нă-зăкăра́: нă-адна́ ка́рпа, ја́ кути-та́: со́ба ка́-ј... Нăтре гре́: та: ка́рпăта. Пикна́-нă та́м, ту́ка, ве́ле, ва́дăн ки-дину́вате, ве́чăр, ви́ке, та́м, нă-то: ја́вур ки-сă-сва́лите* [ПД,173]; ~ *змéо а-пикна́л ра́кта уф-гла́афта и искара́л не́колку во́шки. Ѓу́птино па́к искара́л це́ла ша́ка во́шки и па́к испадна́л по́јуна́к* [ВГ(Мир,272]; **2.** – **(сă)** ~ *ину-дăулиа́ су-то́ да́улут ду́мбăл шу-ду́мбăл та́му, кă-сфăршăл, си-гре́де. Си-гре́де, но́шка́ гу-фа́тăл. То́ пăтут – ни́куј плăни́ни. Но́шка́ устáнăл, а́ма вăлци ле́во-де́сно ви́јат. И де́ка дă-сă-пи́кне, де́ка дă-сă-пи́кне? Иднă-вудини́ца ръшу́кăна има́ло* [ДК,142]; ~ *тоги Алате са чинил ветăр, скăршил колта, напкум фатил, утепал царут су сè аскер и са пикнал уф една дупка. Предлозан и двујцата му братја са скриле* [V,-РМ,273]; ~ *лиси́цăта сă-пи́кна у ду́пкăта и вăлкут тăрча, ă-фа́шта. Ко́га фăшта́ше но́гăта о́на вика́ше: "А, пу́кни, тре́сни, ко́рен те́гниш"* [ДК,144].

пикну́ва impf 1. 'става нешто во простор што е ограден, што не е отворен', в. **пикне** ~ *нă-бугáтјо му-вилéле: "Брáт брáт нé ráне – тéшко тó шу-гу-нéма!" И тó шó práве идну дéн? Зéва идну-óвен, у-зăкóл'ва, у пикнýва у-úзбăта дó-лу, гу-пукри́ва. Оде нă-идну-прија́-тел' му-вéле: "Нé знáјш јáс шó стóри? Дóе иднó, тáка-тáка. Јáс г-утéпа. Шó дă-гу-прáјме?"* [ДК,-152]; ~ *по́ли́чна би́ла. И сéа ка-дă-ă-зăги́нăт? До́шло вре́ме дă-тру-гúсфăт ло́зја и о́ни му ре́кле нă-та́: по́мăле́чкăта итăрва, нă-та́а нивéстăта. Му-вéл'ăт: "Аj дă-тă-пи́книме у-бо́чфа дă-ă-чúш"* [ВК-(Рак),324]; **2.** – **(са)** 'навлегува некаде' ~ *сă-ка́чфа то́, дрăсе. Тугáј иднă-ме́чка гре́де удна́ка. Кри́вјут кă-ви́жва ме́чката, тăн-гăн, тăн-гăн, пуле́ка-пуле́ка у инă-кăпи́на сă-пикну́ва, сле́пјут шó зна́? Дрăсе* [ДК,136]; ~ *но́шка́ устáнăл, а́ма вăлци ле́во-де́сно ви́јат. И де́ка дă-сă-пи́кне, де́ка дă-сă-пи́кне? Иднă-вудини́ца ръшу́кăна има́ло и нăо́жца вре́ме сă-пикну́ва у-та́ вудини́цăта. Сă-пикну́ва у-вудини́-цăта зăд-вра́тăта уса́ди* [ДК,142].

пико́ч' m 'течност што истекува од мочниот меур' ~ *има́ха пуиди́н диса́јќ пари́, му ги да́духа и му да́ди мо́ј ут пико́ч'у пу мрăва пико́ч' и ги спра́ти* [MS,t,36]; в. **пика́ј (сă)**.

пиктиа f 'потечена и засирена крв' [ПК,2(84)].

пи́купа adv 'легнат на стомак со собрани нозе' ~ *лигна́л пи́купа и са́мо сте́н-*

ке; ле́гни пи́купа ќи-т-сă сти́ше ме́ут [ПК,2(84)]; овој дијалектен збор од југоисточните говори Н. Толстој го разгледува во своите руско-македонски лексички паралелизми.

пила f 'направа за сечење дрва, бичкија' ~ *"как ки идими на халваџината, да имаш пила по тебика та да фатиш диднгиите да ги делаш, да си разбие кучиата"* [V,PM,56] – проширена употреба на предлогот **по** наместо 'со': **да имаш пила по тебика**. За ова и други нерегуларности во употребата на предлозите в. во граматичкиот дел.

пи́ла f 'специјална направа од челик, назабена, служи за острење, односно за стругање на железо – еге' [ДК,104]; регистрирана е и формата **пило** [ПК,2(84)]; ~ *шо́ о́стрăме, пи́ло за стăргăне* [ПД-(121)].

Пила́тева Ку́зн'а top. 'железарска работилница во с. Г. Броди, Серско, сопственост на Д. Пилатев, којшто 1912 г. ја претворил во машинска работилница за изработка на големи "кулски" часовници [ЈИ,Ми,173].

пил'а́ф m 1.'јадење од варен ориз (без шеќер)' – на трапезата кога се руча јадењата се носат по овој ред: *кисала чорба*, потоа едно од овие три јадења: *сарма сус кисала каша*, или *ќуфте сус каша, дулма* (= млади тиквици полни со ориз и месо) *сус кисала каша*, потоа *јанија, рибник*, па *печено месо, пил'ав* или *сутлијач*, или нешто сукано, како: *баница, сусамница* (= пита со сусам), *сарлија* (= вид баклава), *лукуме* и др. [ТГ,21]; **2.** изр.: **ни-ла́ф, ни-пил'а́ф** (= ниту збор) ~ *ту́к би́ше, сă-лафи́хме, а́ма зă-те́п ни-ла́ф ни-пил'а́ф* [ПК,2(182)].

Пил'а́ф Тепе́ top. **1.** 'највисок врв на пл. *Кушница*'; **2.** 'купообразен врв над *Гореници*, Зилјаховско' – композитум од два турцизма: *пил'аф* 'варен ориз' и *тепе* 'врв' – очигледно дека топонимот е изведен според формата [ЈИ,Ми,172]; сосема истото име (на висок рид) го имаме запишано во штипско-радовишкиот регион.

пи́ле (и: **пи́лă, пили**) n, zool. **1.** 'општ назив за птица, не е dem.' ~ *му вили́ ... "тфо́јта мо́ма н'ăј в'е́јќи мо́ма" "шт'о́ вили́ш' џ'а́нам? там пи́лă ни мо́ж'и да по́ј"* [MS,t,22]; ~ *тус пи́ли и зăнча́р* (= орел што лови зајаци) [ПсС(З),69]; ~ *не и по́вре́дна ду́шата уф јаде́нито, и сна́гата уф убле́клуту? Разглидајти а́рно пили́шитити на не́бито, шо ни́то се́јат, ни́то жни́ат, ни́то бе́рат уф амба́рити, и Та́тко ва́ш уф-не́бито и ра́ни* [MV(K),264]; ~ *та́м д'е бира́ш'и смо́кфит'ă ви́д'ă ино́ пи́л'ă ху́баву, али́с маламо́сану* [MS,t,45]; ~ *Аман море, лудо младо,[како да сум јас јубава!?[– Кога мен ме зима лудо,[куту пиле јас си летах,[се пу лозја јас си шетах,[бело гроздe јас си чопках,[* (сп. **чо́пка** 'клун на птица' ~ *сус чо́пката та́а чо́пке* = колве зрнца) *ими сега, лудо младо,[думакинка ти се чиних,[думакинка лудо младо,[не личе – лична да биде!* [ТГ350]; ~ *и што веле А рапине, ем гуворе, џанум: "Дали знајиш ил' не знајиш, Попово Јуванче:[оти сум ти јас заптисал се бели друмуве,[и не давум преко ниха пиле да пралете* [ТГ,40]; ~ *легна пот крушата ма́ра да поспи́е; и о́шти не бе́ши спа́л, дојде́ едно́ пи́ле, ка́сна́ на кру́шата* [V,PM,30]; ~ *ско́врăно шо́-ј и о́н тăкво́-ј, са́мо шăре́но-ј, буја́та мо́-ј: шăре́нко, бе́ло и си́во, и тăка́ цăрни пе́гички и́ма, фи́но пи́ле-ј* [ПД(126)]; ~ *какара́ска је пи́ле, која́то ка́та годи́на са мин'у́ва*

гн'ázдуту-и́ и гн'ázду глéда да чини на нáј-висóко дарву [V,PM,30]; ~ *н'éтр'ạ имáш'и идúн клáјанц, ш'ту тич'áш'и ... и инó пúл'ạ вúкаш'и* [MS,t,60]; **2.** изр. **уд пиле млеко** (= нешто што не може да се најде) ~ *Што не кладема?! Што ричеја се правиме; да речаа уд пиле млеко – и тоа ки најдохме! Ама кога нимал дни!?* (= се кажува кога лекувањето на некој болен не било успешно) [ТГ,428]; ~ *дек си чудиха, и дошел еден лекарин, го виде и му рече на царјут: "да има от пиле млеко да го намажете, ке прогленда". Тогај двете зентјуви кинисаха да хождат да брăкат от пиле млеко* [V,PM,160]; ~ *тогас момата му вели: "ох, тате, јазе тука имам секаков имиш за да јам, дури и от пиле мл'ако да сакам"* [V,PM,214].

пиле (са)* impf **1.** 'се размножува' (се однесува на птици) ~ *и тој кинисал да појди и да јутиде до стредја морету. Тамо имало дрјаво високо и гол'амо, старо. И што пиле имало на дјун'ата, сите тамо са пилели* [V,PM,172]; **2.** изр. **пúлци пúл'ат** (= чуваат, одгледуваат деца) ~ *ус-тạкóф думạ́кúн пúлци нé сạ-пúл'ат* (= кога таткото не се грижи за децата) [ПК(Ним)].

пúли impf 'сече со **пила** *(бичкија)*' ~ *"А-аа, нé знáш, бáбо, му вéле. Јáс ина-чýпа вúду. Нă-чéшмăта инăпувá кójнăта. Нă-мóжăм д-ă-ýрвăм нúкăк. Já, пúлите тóа дéн нă-мóж д-ă-сéчăт тупóлта". – "Е, му-вéле, кóга тáка јáс ќ-а-ýрвăм", му-вéле* [ДК,116].

пилејне n 'кога од семето на свилената буба ќе се појават првите црвчиња, ларви, што понатаму се развиваат во *кожурци* од свилена буба' [ТГ,408].

пиливáн (и: **пехливан**) m **1.**'човек што се бори со друг **пиливáн** јавно, пред гледачи – борач' ~ *испаднаха, излезеха солунчани пехливани е там на јамијта порта* [МС(В),97]; **2.** 'храбар човек, често иронично' ~ *испăднáме нă-дóло, пу-Бăлáсца, вике гáре бис стрáх, зăфăтúме пéсни. Кóга вúдуме адúн пúнук, адúн úмум, адúн нéăм, устăнáл óн тáмă. Дујдéме нă-аднó мéсто, тúй пиливáне зăпăлúа адна бýка* [ПД,174]; ~ *и ọнóạ вр'áме имáлọ н'ákọj, úметọ му-зạбрáјạ, ọт-Снáт'ọвọ, пеливáни имáлọ кạj-нáс, нạ-пạнạ'úритọ и-гизапóмн'ạ ác. Са ќуспéта* (кожени панталони со кои се бореле **пиливáните**). *И-тýк сăм вид'ál, áмạ вéчи н'áмạ. И-кáнти úмạ зејтúн, ќе-сенạмáчкạ гóл'ạн* [ЛС(К),122] – проширена употреба на суфиксот **-ен (ạн)**: **гóл'ạн** наместо 'гол'; ~ *ej, Јáно, Јáно, пиливáн Јáно! [пиливáн Јáно цăрква си прáва* [МЕ(Р),95]; ~ *цáро пă рéкăл: кój ќа:-уткúне мójта мóма, ќа:-дăм нă-нéго. Нéкуј Арáпин сă-кăжăл куту пиливáн, пă скрúл се ф-нéкуј баúр, ф-нéкуј дрăмки; глéде ká ќи-до:-лáмата* [ПК,2(229)]; **3.** fig. 'некој што не е доволно облечен' (бидејќи **пиливáните** се борат голи).

пиликатник m 'ограден простор во Езерото (Дојранско) со трска, во вид на круг, како срце во кој ги ловат (и ги чуваат) птиците, што потоа ги користат за ловење риби', одозгора има мрежа, над водата 1,5 м., внатре остават мртви риби, од страната има отвор околу 10 см. широк, низ него влегуваат птиците, но не можат да излезат. Тоа се птици преселници што им помагаат на рибарите во ловот, *пучнýвăт дă úдăт уф уктóмвăр мéсăц;* ги фаќаат *уф пиликáтнико* [ПД(127]; сп.

ѕеликáн 'штрк' [ПД(114)], односно: **пиликáну** и **пил'кáн**.

пиликáнуво јáјце n 'јајце од штрк' [ПК,2(84)]; (и воопшто: 'големо јајце').

пили́н m, bot., Artemisia absinthium **1.** 'лековито растение со пријатен мирис, но многу горчлив вкус' ~ *па се врнах, мале, па и ричех:[Дубру вечар! [дури тога, мале, јудгувори,[прагувори:["Ела вечар, лудо, на вичери,[пу вичери!" – "Пилин била, мале, и вичера,[и вичера,[огин да ји горе, мале, и пустел'а"* [ТГ,50]; сп. скратена споредба: **пили́н го́рче** (се кажува за нешто што е многу горчливо, што по горчливиот вкус напомнува на пелин); **2.** изр., поговорка: **зе́т куту ме́т, си́н куту пили́н** (се кажува за семејства во кои родителите на девојката големата љубов кон ќерката ја пренесуваат на зетот) [ПГ(Фур)]; **да та пилиносе** (= клетва: да те отруе – горчливоста на **пелинот** се споредува со отровот) [ТГ,319]; М. Малецки запишал во Солунско: **пили́ну** [MS,s,82].

пилинова вода f 'вид чај од растението *пили́н*, Artemisia absinthium'; сп.: – болеста треска ако на самиот почеток доаѓа ... како ладна треска тогаш треба да се причека, па дури кога *ки фрле уф огин*, тогаш треба да се испие онаа ракија со црн пипер. Некои против грозница пијат и *пилинова вода* [ТГ,229].

пили́ш(чи)че* n, zool.,dem. од 'пиле' ~ *си-има́л аднó Ќóс Кусу́ле и си-прăви́л сидéлце н-адна́ дăби́чка. Та́м си снисéл три́ ја́јца и сил'упи́л три́ пили́шчичка. Лисúцта кă-нăучúла óти úма та́м пи́лишча óде дă-му-и-са́ка. И му ви́ка: "Ќос Кусу́ле, вăртăм па́шка, сéчăм дăби́чка, пу́шчи ми пи́ле"* [ВБ(Кр),-313-314].

пи́лка* f 'машки полов орган' ~ *иди́н по́п ути́ди на удини́цата ... сид'а́ха сăс дирминџ'и́јата, си м'ăр'а́ха пи́лкат'а* [MS,t,78]; ~ *ни муж'а́ да трапи́, că надý, ста́на пиш'то́ут ('пи́лката') и că прузва́ла ('că устрамути́')* [MS,t,78].

пилчу́нка* n, zool., dem. од 'пиле' ~ *и гн'а́зду гле́да да чини на на́ј-висо́ко дарву... за да не́ можи змúа да изјáди чăта и пилчу́нкате* [V,PM,30]; ~ *и ути́ди при гн'а́здуту, на́јди три пилч'у́нка и ха фа́ти т'ăх* [MS,t,75].

пил'оци pl, zool. 'вид птици, преселници, што наесен доаѓаат на Дојранското Езеро' (еднинската форма не е регистрирана, возможно: **пил'о́к**) – **пил'оците** се исти како **сурлињата**, само се двапати поголеми од нив. Тие, летајќи над водата, познаваат каде има јато риби и таму надлетуваат, така со своето присуство им сигнализираат на рибарите дека тука има риби и на тој начин мошне им помагаат [КД,58].

пилч'урч'а n, в. **пилчу́нка** [MS,s,81].

пил'ă-пил'ă interj 'така ги повикуваат, ги мамат пилињата' [ПД(Фур)].

пил'ăнце n, zool., dem. од **пиле** (= малото од кокошка, но и за малото од било која птица) [ПД(Фур)]; ~ *на́ пуудúле, пуд-éдно дрýго дăрво сăдна́ле дă-că-пучúнăт и л'ăгна́ле тăка́ дă-пуспúт, дă-пудре́мăт. Пăт дăлк. И-не́ко пúл'ăнце фăти́л дă-чăрчóре* [ПД,153]; ~ *ка́ зăгина́ло пил'ăнцуто мóмăта кăжа́ла нă-мáјк-ин: "Тăка́, тăка́, ка́ ве́зум éдно пил'ăнце ми пéе нă-гергéфо: е мóри девóјко, ти читирújсе дéна и читирújсе вéчăри ки-глéдиш ýмрăн, а́ма óн ки-ужúвé нă-читирújсе дéна, ка́ ки ста́не ки-тă-нăгра́де"* [ПД,164].

пинавре́јќ m 'машки панталони со широки ногавици и широк заден дел, ги носеле старите луѓе' [MS,s,82].

пингор m, zool. 'вид птица' ~ *"и кога ки ти дојди некоја газа на главата ти, да го туриш перото на вогино, и ниа на тебика можими да ти помогними ништу!" Гу зема перото... на една страна најде млогу пчели и едно пиле ги јадиши. Пилето гу вел'ат пингор* [V,PM,96]; – таа птица кога е голема суша "се моли на Бога" да заврне дожд [V,PM,554].

пиндаре pl 'сад во кој има варена пченица и 5 литургии'; жените овој сад го носат в црква спроти празникот Св. Богородица за здравје на целото семејство; ако се разболи некој од семејството тогаш *таксуват* (обеќаваат) дека спроти празникот Св. Богородица ќе однесат в црква *пиндаре* [ТГ,29].

пиндо́лару* n 'голема златна монета, петолирка' ~ *му вили́ мумáта ... : "знáш' какфо́ прáстин да нагутфи́ш'? на тáтку за и́ма тóп цóха, на мáјка за и́ма тóп купри́нин, на м'ен'а за и́ма пидис'ét пиндóлари"* [MS,t,28].

пини́р m 'вид пита' ~ *тó-j јáдине. Сă-прáве ус-чи́сто брáшно, прéсно си́рне, јáјца, сă-пéче, сéтне сă пупáруве ус-ширбéт* [ПК,2(84)]; в. **пинирли́ă**.

пинирли́ă f 'печено тесто со јајца и сирење' ~ *тó-j јáдне, сă-прáве пугáча ус-чини́чно брáшно, сă-избóдуве ус-бунéла и сă-клáве уд-гóре јáјца, си́рне и мáс, сéтне сă-пéче* [ПК,2(84)]; сп. уште: ~ *и ви́кăт ти́ лéпчăта шо-j прáвăт ус си́рне удгóре* [ПД(118)].

пинт'е́лч'а n, zool. dem. од **пинт'е́л** [MS,s,83].

пинти́ја m 'тој што не сака да даде ништо, скржавец' [ПК(Гăр)].

пинту́рка f , dem. од 'петица' (пр. на дете) [MS,s,33].

пинушка f, bot. 'дел од пресечено дрво што останал на коренот – пен' [ДК,106]; ~ *Гréде пăндăрут инувréме, сă-кáчфа нă-скáлта, кóа пу́ле – двé спúјăт узгóре. И óн му-ă-трăгнýва скáлăта, ă-фăрл'а пóнáка и си óде... сáкăт дă-сă-сфáл'ăт... Скукнýва и тó. Нă-инă-пинýшка óчите си-и-извáжца и двéте* [ВК(Тр),322].

пинци pl **1.** 'примитивни, лесни обувки, направени само од парче кожа' ~ *фатиха да ги биат селаните: "А јде бе ґаур шети ми конýт"; тој, кој немаше кон, даваше пинците* [МС(В),72]; ~ *мури, стáни, лýдо, стани, млáдо, на ни́ва да јóдиш [мури не си слéпа, не си нéма оти пи́нци нéмам* [МЕ(Р),98]; – наутро при облекувањето *(убличувајнто)* постои извесен ред: прво се облекуваат *барнавезите* (панталоните), па *дуламата* (кошулата), а потоа *појсут*, потоа *ублечуве купаран* и на крај *убујве пинци* [ТГ,18]; ~ *испăднáме нă-дóло, пу-Бăлáсца, вике-гáре бис стрáх, зăфăтúме пéсни. Кóга ви́думе адúн пúнук, адúн úмум, адúн нéăм, устăнáл óн тáмă. Дујдéме нă-аднó мéсто, тúă пиливáне зăпăлúа адна бýка* [ПД,174]; од односнава регија ја имаме запишано и формата во ж. род: *"а-а, јá гутóва-сум, с-убý-вум, óш-ăднá пúнца и с-убýх и вăрвум"* [ВК(Ид),292]; **2.** изр. **нă-пúнуко мé-j** (= така се изразува оној што не се чувствува засегнат од некоја работа) ~ *áска си-зéх шó ми трибýвише, сјáа нă-пúнуко мé-j* [ПК,-2(185)].

пинча́нки pl ~ *вăрвци нă-пúнците, шо сă-вăрзýват нă-нójсто* [ПК,2(84)]; сп. и: ~ *и уд гóре нă-врăз нúх* (врз

завивачите) *пинча́нките ки сă вăрзăт на́пкум* [ПД(118)].

пинч'á f 'задниот дел од женска кондура, штикла'(?) [MS,s,82].

пинчáр m ~ *ма́јстур шо пра́ве пи́нци* [ПК,2(84)].

пинч'и́ца f 'дел од плугот' [MS,s,82].

пинц'е́ n 'подлошка на кондури, подметка' [MS,s,82].

пинцерка* f, 'прозорец', в. **пенцере** ~ *ако ти ја дадат, мила ле мале,[по-скоро абер да чиниш,[море да растурам ветки куќи,[да направам висок сарај,[мори пинцерки му сидифлији,[а пирдијна кадифилиј* [ТГ,97].

пинц'и́к m 'нешто што се купува од апотека, вид лекарство'(?) ~ *утúдух на фармакúјун, пинц'и́к з'éх и дрýги л'ákуви* [MS,t,3].

Пи́о 'прекар запишан во Еничевардарско' ~ *кă-дујдé Пи́о, ăднó Пи́о, ăјдýт е тó, чýкăт нă-пóртăта, нé-утвáра... Кó и-глéда чéтникут зăстăнáт су-пýшката тăкá зăтскриéно и утвáра утгóре супýшкăта. Гóре пăтóн úмăше. Утпăтóно фăтú дă-пýка. И утвурúја óгин* [ВЕв,299].

пип-пип interj 'цвилење на кученце' ~ *é, сéга, му-ви́ка, гуспудúн, ричé, ја мóжи нéкăкво, áма тýка пák ќи-ви-пуфтóрма сéга. Дă-ви́ите кák и-мúло кучéнцито. Вúј-гу кучéнциту. Гу-викá. Удри-му иднó стáп. Мудрú иднó стáп. Кучéнциту пúппúп, избигá* [ВЕв(Кор),305].

пипаво магаре n 'слабо, болникаво магаре' – во минатото, бидејќи државата им ги одземала добрите коњи за свои потреби (т.н. *мекере*), селаните се досетувале и дома место брз коњ чувале по некое *пипаво магаре* [ТГ,97].

пипалова вода f 'вода во која има растворено пепел, во минатото, во недостаток на сапун, жените переле со *пипалова вода*' – на **Чисти пуниделник**, тоа е **првиот ден од Вилигденски пости** жените имаат многу работа: сите садови (и од бакар и од глина) треба да се измијат со **пипалова вода;** работите да се истресат, главите да си измијат, со еден збор се трудат сè да исчистат *и да мирисе на чисто* [ТГ,42]; сп. уште: ~ *ус пипилóва вóда ни́а áдно врéме пéрăхме, дă-сă-чúсти бéл'те рýби. Пипилóфта вóда-ј нóго л'ýта, óнај скăпýве рắцто* [ПК,2(84)].

пипе́р' m, bot., Capsinum annuum 1. 'ситни делови од исушени и истолчени пиперки, се стават во јадење за подобар вкус'; има: *л'ут пипе́р, цăрвéн пипе́р, цắрăн пипе́р; ч'ąрвéн, ч'éрна (ч'árна) пипе́р*' [MS,s,83]; ~ *тóо мúшо шó-с-кąчúл, гóр имáла адна пулúца, нă-тáа пулúцта гóр ф-адна́ кутúа цăрвéн пипе́р, дрýга кутúа зијтúн, адна́ кутúа... Пишúн флéве уф-тóо пипéро, сéтне уф-тóо зијтúно, тóо мúшо áдно árно с-убркóле у-цăрвéнјоо пипе́р* [ПК,2(264)]; ~ *му вéли: "óх мắжу, хárно си земáл рúбата... ами кату нéмами нúти сóл, нúту пипе́р?"* [V,PM,17]; ~ *мишката отиде на самоладарникот сос самоладу, си намака пашката, и пак оттамо отиде на червен пипер, си упипели пашката* [V,PM,204]; **2.**'пиперки - растение и плодови' ~ *прудде́ árно пипéро, зимá бајá пáри и си нăкривú ка́пта* [ПК,2(194)]; ~ *дă зăвắрне áјн ýбуф дóш, тă да нé о-вáдме пипéро* [ПК,2(153)]; **3. 'нива засадена со пиперки'** ~ *и кога отиде дома, му вели на брата му и на жената му, ча и купил ниви за женинот му кăсмет. Фати брат*

му да му са кара, ча нивите беха едни каминливи, едни, штоту не чиниха пипер, а не друго нешто [V,PM,86]; ~ *ác бúх óдăна нă-пипéро кóга сă-вăрнáла дóд-Лúка, затó: нé сă-видéме* [ПК(Ним)].

пипе́рка * f, bot., Capsinum annuum, в. **пипе́р 2.** ~ *пипéрки ги-сијáа, бустáн лáни, пóлни бустáн н'а: гạ-сијáа. Вáа гудúна пипéрки ќа:-сéјме. Ка́ дујдé дă-сă-дéл'ме, ác сум гạ-дăдéла питулúркạта тáм, н'áа дáм нú:вта, тáа нúва ќе-ј нă-мéне* [ПК,2(Иц–288)].

пиперка буковска f 'црвена лута пиперка, се става во ракија за да биде лута' [ТГ,355].

пиперче n, dem., в. **пипе́р 1.** ~ *на вечарта дошле друзите братја, го питале, кăде е бишката? Он им кажал: "Дојде еден педа човек лакут брада, а смукна бишката, си избега". Вичерале таа вечар сух леб и солче и пиперче* [V,PM,270].

пипил'а́нка f, zool. 'вид змија' ~ *áа змúа гă-вúкме пипил'áнка, óна-ј пипил'áва, úма пипилóва буја́* [ПК,-2(84)].

пипил'а́нка f ~ *тá-ј бóлис пу-ти-т'ýно, лúстуфто му-стăнýват кут ус-пéпăл пусóл'ни. Стăнýвăт тéнки, кут-шýма сă-дрóбат* [ПК2(84)].

пипили́ште n 'опожарено место, само пепел' ~ *"Нúă-сме, вúкум, бежáнци, ут-Струмичко, крăј-Бă-лáсца, тáмо. Куту-сурмáси чувéци, кăрáме дубúци нă-ајн-тăргóвиц, дујдéме тýка. Нă-трéно нé-ни сă-дáва пáри, трăгнáме пéшки. Кýкуш, вéл'ум, дéка-ј?" Ас о-глéдум Кýкуш дéка-ј, áма пá пúтум, уш-не-знáм, дека-ј. "А, тóа грáтче-ј Кýкуш. Изгóрăно, сáмо пипили́ште-ј, нéма грáт, нéма нúшто"* [ПД,(Пат–172)] – автентично кажување (на дедо Ил'о од Патарос) за тоа како изгледал уништениот град Кукуш по налетот на грчката војска јули 1913.

пипилóва пугáча f ~ *пипилóва пугáча сă-мéсе ус-пипилóва вóда и ут-гóре сă-пусóл'уве ус-пéпăл, сă-пéче пудвăршник. Ка́-ќ сă-испéче, с-истрéсе пéпăлта. Пипилóфта пугáча нóго-ј árна* [ПК,2(84)] – во контекстот имаме присуство на перфективен презент: *с-истрéсе пéпăлта.*

пипире́фка f 1.'вид оро, се игра ситно'; 2. изр.: **пипире́фка ќи-игрáа** (= ќе се однесува како што ќе му биде речено) ~ *нé сă бóо-ли? Мóре ка́ ќ-óде прăд нéго, дă-вèјш, пипирéфка ќи-игрáа* [ПК2(188)].

пипирлúа adj 'нешто што има светлоцрвена боја, т.е. бојата на пиперот' ~ *сушúх адúн пипирлúа фустáн, ич не-ме-ј пу-мирáко* (зн. : не ú се допаѓа) [ПК,2(85)].

пипирýдạ f, zool. 'последен стадиум од развитокот на свилената буба, кога снесува јајца' ~ *онạ стạнýвạ пипирýдạ, квạ-ќи-ọживéе, нáли! От-тúи пеперýди ọстáвạт с'áми, стó, дв'áстạ пạрчúнạ зạ-с'áми. Рạзлúчни пипирýди изл'áвạт, б'áли, шạрéни. И-тúạ си-úмạт лéглọ какọ врáпчитọ и-тáм ќи-и-нóси јајцáтạ* [ЛС-(К),137]; в. **пирунýга.**

пи́шко n 'вид врабец, има цуцка на главата' (Пат), во Фур: **чучул'а́н** [ПД(126)].

пи́пла f 'жена што невешто работи, **пипаво'** ~ *нă-мóжум дă-рăбóтум ус-тáа пúпла, зăрди н'áа сè кусýрни сме нúа двéте* [ПК,2(85)].

пипо́н' m 1.'растение со големи сочни, слатки плодови, од типот на тиквите' [MS,s,83]; ~ **ластúна** *вúкуме нă тúă ут кóрăнто шо сă уд лубăнúца, пипóн, ут тúква* (така запишавме во Ник., но во Фур.

покрај **ласти́на** со исто значење се употребува и **ло́н)** [ПД(123)]; **2.** 'погрдно за човек: отечен од пиење или од болест, односно за човек што се држи многу надмено, пр. ако не поздравува' ~ *ка́ се-ј надýл, али́с пипо́н* [ПК,2(85)].

пипува работа f 'работа со многу финеси и затоа бара и внимание и време' ~ *вéзинто-ј пи́пува рăбóта* **[ПК,2(85)]**.

пи́пуф adj 'тој што работи бавно, невешто' ~ *но́го пи́пуф чувéк си, нé ти спóре ич рăбóтта* [ПК,2(85)]; в. **пяпла**.

пи́ра f 'водено испарување, пареа' [MS,-s,83].

Пира́лката top. 'ниви покрај канал со вода во околината на *Просеник*, Серско'; секако тука пореле жените со **пира́лка** (= дрво со кое се чука по алиштата кога се пере), "коренот во гл. *пере*" [ЈИ,Ми...,173].

пира́ксува* impf 'задева' ~ *да зна́јах, гу ни пира́ксувах хи́ч'!* [MS,-t,57]; ~ *т'ạ ги́бам, т'ạ зака́ш'там* [MS,s,83]; – посебност во линеаризацијата: глаголот и кратката заменска форма се разделени со партикулата за негација (**ни** < 'не' со редукција): **гу ни пира́ксувах**.

пиран'е́ n 'чистење на алишта со вода и сапун, прање' [MS,s,83]; ~ *у сắмбутạ жéнăтạ утúвạт на пиранé* [ПсС(З),67].

пиргили́син* adj 'притегнат, уреден' ~ *на́шта ко́ла би́ше пиргили́сна а́дно а́рно, кут не́каа ту́рцка нивéста ка́к во́дат* [ПК,2(85)].

пирдили́и adj 'човек што тешко гледа, што има **перде** на очите, кусоглед, *што има пирдé* ~ *шó о́јш али́с пирдили́и* [ПК,2(85)]; и: **пердăли́на** ~ *перделúй ей о́н, чувéко стăрéе, пéрде и́ма нă-о́чте, а́ку нé глéде* [ПК,2(240)]; ~ *гу ви́куме то́ а́ко бéли му сă о́чите ма́лко* [ПД(115)].

пирду́ше impf 'прави нешто да биде растргано, разредено' (сп. **пирду́х** од **пердýх**) ~ *шó гă-пердýшиш ко́ста* ?! (= зошто ја растураш косата?) [ПК(Гăр)].

пире́ n, bot. ~ *но́го ло́ша трéва, ра́сте уф-ури́зо. Пло́до нé-ј збéрин уф-мăлéчкичка ту́фкичка, и́ма цăрни зрăнцта* [ПК,2(85)].

Пирин top. 'име на село на Стара Планина' ~ *на Ста́ра Пла́нина го́ре и́машја адно сéло, што сá зóве Пири́н сéлото; и нáт сéлото го́ре и́ма пéштери од сакалé* (= соколи ?) [V,PM,259] – присуство на лексичкиот архаизам: **зове** 'вика'; и 'име' (на планина во Пиринска Македонија).

пиринýгạ* **1.** bot. Iris 'полско и градинарско цвеќе со цвет во различни бои (бела, сина, жолта), има долга рачка – устоцветно' ~ *изникна́лạ пиринýгạ, изникна́лạ пиринýгạ,[при-чубáнọвотọ стáдо, при-чубáнọвотọ стáдọ,[чубáн стóе пạ-гạ-глéдạ, чубáн стóе пạ-гạ-глéдạ.[Рáсни, рáсни пиринýгọ, рáсни, рáсни пиринýгọ,[дạ-нарáсниш, дạ-нạпýкạш, дạ-нарáсниш, дạ-нạпýкạш* [ЛС(К),131]; и: **пирунга** ~ *и сă пăлни су урман, најногу: дива трăскă, рогус, сас, шиварика, тиквина, блатцки гингир, реш, пирунга* [МЕ(Р),76]; **2.** 'ж. л. име' ~ *Пиринуго, јубава дивојко,[тихо пејиш дилеко се слуше,[чул те уфчар преко три планини,[си јуставил трло неградено,[јуф трло то стадо небрујено,[миґу стадо ведро пракувано* [ТГ,56]; в. **перýника**.

пирунýга (и: **пиринýга**) f, zool.,Papilio 'вид инсект со шарени, убави крилца (ги има различни видови); во првиот стадиум тие се гасеници - пеперуга' [ИГ,127]; [ПГ(Фур)]; в. **пипиру́да**.

пири́с m 1.'диета' – породилката држи *пирис* и јаде само: *русник чорба, варен урис, чорба уд пиле, млеко, млечник* и уште некои други јадења, што се малку засолени [ТГ,109]; ~ *но́го би́х бо́лин, до́ктуро ми каҗа́ да-дăржум пири́с; да не́ ја́дум л'у́то, ки́сло и мăрсно;* 2. изр. **не́миш пири́с нă-у́стта** 'кога некој се изразува неконтролирано, со груби зборови' ~ *ќупте́н но́го гувóриш, и́ч не́миш пири́с нă-у́стта* [ПК,2(85)].

пирки́ја f 'свадбени дарови'; сп. **при́ка, прик'е́** [MS,s,83].

Пирките top. 'име на христијанско, македонско маало во Солун' ~ *сăтă ристенцки мали нă Пазăр сă туку речи сăл ут сил'ајнă... такă је и су сулунцкăтă мала Хамидие или Пирките* [МЕ(Р)-91].

пирл'а́га impf 'личи, прилега, одговара' ~ *му вели на цар'ут: "харну ти докара авџиолиа таја кожа,... да направиш една удаја и да га постелиш... да пирл'ага за три кефа!"* [V,PM,41]; и: **перл'а́га** ~ *друг му велиши: "от умо́ ти така́ стра́даш"; друг му ве́лиши: "таква́ гла́ва и́маш, таква́ ка́па ти перл'а́га"* [V,PM,7].

пирси́цки* adj 'нешто што се однесува на Персија' (со редукција **е > и**) ~ *у-сăте цăрни шу-би́ле чу́пата нă-кра́лут му сă-руди́ла бе́ла и ле́па. У-то́ вре́ме пирси́цката кра́ли́ца руди́ла две́: идно́ мăшко и идно́ же́нцко* [ДК129].

пируска́ f 'железен триножник, на него се става котлето кога се грее вода' ~ *пак бабата запалила вогни и напăлнила бакăро вода, турила пак пируска́та наопако, за да кладе бакăрот сос водата* [V,PM,241]; ~ *тогас бабата зема една честина и брашно и един бакăр и една пируска́, та отиде праве на брјастот; удол седна, фатила наопаку честината и клала брашно да тсеи* [V,PM,241]; и: **пиристи́ҷа** ~ *една́ же́на, нимала-си пиристи́а, не́ зна́м да́ли ви́кте сјаа. "Бре́ си́нче, на́-ти та́а кирфи́јчкăта, о́ди нă кува́чо дă-нăпра́ве адна́ пиристи́ҷа". Гăзиму́ве де́тто, кути де́те о́де нă-кува́чо: "Чи́чко, ре́кăл, ма́ма ма́пушти́ дă-нăпра́виш адна́ пиристи́ҷа"* [ПК,2(Крец–302)]; кај Малецки: **пируст'а** [MS,s,83].

Пирустија f 'име на сосвездие, тоа се 3 ѕвезди (оттаму и името *пирустија*) распоредени на самиот зенит'; освен *Пирустија* ги има уште следниве ѕвезди: **Квачка, Нишајне, Седам Уфчара (Голема и Мала Мечка), Саба Јалдази (Деница)** [ТГ,333].

пирушан акалија m 'некој што се однесува несериозно'~ *куту жинен чувек трабуве да си направе руби спурти него, а не да се праве пирушан акалија* [ТГ,133].

пирăни́ца f 'долниот дел од воденицата, колото во кое удира водата и преку **вретеното** го врти каменот, во др. говори: **воденично коло**' ~ *му-ре́кал на-леси́ца́та: "А-а, кумали́е, шо́ и́мăш ти́?" "Е, ри́би, кумево́лче!" "Еми ут-де́ка си-и-бра́!" "Е, кума-во́лче, да-ти-ка́жăм: ѻти́дăк на-вудени́ца́та, му-а-зăпре́к во́ăта на-вуденича́рут и ути́дăк пот-пирăни́ца́та и си-и-нăбра́к ри́бите* [ВМ(Сар),316]; *"Е-е – му-ре́кла*

ку́ма ли́са – ти́ ќе-си-зе́вăш се́га едну-бу́ре, ќе-гу-вăрзиш за-па́шкăта и ќе-о́јш пут-пирăни́цта... ќе-нăбе́риш ри́би" [ВМ(Сар),316]; во Серско: **пе́рница [ЛС(К),95]**.

пи́с adj 'нечист' (обично во морален поглед) ~ *шо́ пи́с чуве́к е́j то́о; и́ч не́ ми сă-слу́шат пи́с маабе́те* **[ПК,2(85)];** сп.: *зина́ е то́:* (зн. неморален е). *Зина́ мăга́ре, буди́нке пу-чу́жди же́ни, а нă-же́нта пи́с ин ви́киме, пи́с же́на та́а, не́чиста, фăики́а* [ПК,2(241)].

пи́са f 'катран, зивт' ~ *ви́а крăдли́вите утидо́а ишăри́а сăте по́рти. Ко́га утидо́а зă-дă-и па́лăт, нă-муже́а д-и-фа́тат па́к. Цару́т не́ма... Е, ќ-у-пра́вăт пăтут су-пи́са; ќи-фăрл'ăт ли́ри* [ДК,136].

пи́сан adj **1.** 'кога врз нешто (хартија, камен, дрво и сл.) има испишано букви, зборови' ~ *и пузнаја́хми шо и исти́нц'ко не́гувото кажува́ни. Има о́шти но́гу такфи́и шо чини́л Исус; тии аку са писале иден пу иден, тра́чам ни́што зе́мнјата ки и приби́риши писа́нити кни́ги,* [MV,K,-319]; ~ *туку́ ко́га сă прислави́ Исус, то́га сă уми́ле шо би́ле ви́и писа́ни и кажу́ваа ви́ки л'у́дите шо би́ле су не́гу, о́ти на Ла́зар му викна́ уф гро́бут, и гу крина́ на не́гу ут умре́ш. Зарди то́а и гу причикува́ле на не́гу л'у́дито* [MV(K)288]; ~ *да ричé на ни́х: Ви́а прика́зни, шо ви и каза́х на ва́с, о́шти биде́ки су ва́с, шо така́ му бе́ши писа́но да си чи́нат си́ти шо бе́а писа́ни на М... но́мото и на Профи́тити и уф кни́гити за́рди ме́н* [MV,K,260] – во текстот сврзникот **биде́ки** се јавува со архаично значење, односно со зачувана глаголност: *ви́а прика́зни, шо ви и каза́х на ва́с, о́шти биде́ки су ва́с* (со значење: додека бев со вас); ~ *отвори́ тефте́рите, виде́ та́му они́а, што бе́ха пи́сани, чове́ците, ги викна́* [V,PM,20]; ~ *На́пăкун ве́ли на Тома́: До́ниси ва́ка пра́стот, е́м ви́ди ми и ра́ците, да ни́м сă чи́ни низве́рнин туку верува́н... И дру́зи но́гу ви́ки ниша́ни* (пишува: 'иншани' – печатна грешка) *прави́л Исус шо не́ сă писа́ни на во́а кни́га* [MV,K,337]; ~ *ма ш'то́ за јид'е́ми? тра́бува́ш'и да би́ш'и халис баклава́, ни на кни́гата пи́сана* [MS,t,8]; ~ *жената и била млого умовитна: знаиши, ча на уврејската книга е писано, кој увреин да можи човешко сăрце да открадн, да стори магиа, да бан, сите христиани да си одавјат на морету* [V,PM,193] – уште еден пример за проширена употреба на предлогот **на** – кога укажува на внатрешност, наместо 'во': **да си одавјат на морету;** ~ *и видел тамо, дека ја имаши закопана, биши зникнало един висок кипарис. На кипарисот на коренот имало писани букви, штото н'ахто не знаиши да ги пеи* [V,PM,198] – во текстот е зачувана првичната форма од конструкцијата *има (нема) + гл. придавка,* кога придавката се сложувала со именката на која се однесува: *ја имаши закопана (змиата);* и: **пишан*** ~ *напкун ги даде на нас јурупите, и ги носихме на сардарот... имахме и книга пишана од бегот* [MC(B)74]; ~ *на во́јна о́јде, о́јде не до́јде,[ко́јнут му до́јде, не́го го не́ма,[на се́длото и́ма пи́смо пиша́но* [ИГ,108]; **2.** изр. **така е пишано** (кога некого ќе го снајде некоја непријатност го тешат со овие зборови), или: **ако е уд бога ричено да биде – ки биде,** односно: **уд Госпуд е** 'нешто што е судбинско предодредено', во минатото многу често и болеста така се објаснувала, дури и не се барала помош од лекар, освен волјата на Бога причина можело да биде и ако некој **направил магија,** односно ако

ја **нафрлил бол'ката,** односно ако **нагазил** [ТГ,227].

пи́сано́(ту) n 1.'напис, она што е напишано' ~ *ина́ фо́тографи́ја, ја з'е́ва, ја гл'е́да, ина́ хýбава мо́ма и ја уп'ắва удysа́т' пи́сано́ту* [MS,t,9]; **2.** 'предодредено, судбинско' ~ *момата, ... на Бога се верно молиши да са откини о-тамо, така вел'ајке: "ох, Боже, и сиромаштиа е била млого тешка, ама това-ј било потешко! Да не и писано, Боже, подин брат на самови(л)ски рăнци да промине"* [V,PM,195]; ~ *нă-мо́јш ни́што, шо́-ј пи́шăно ќи-до́јде. Утпи́шăнто не́ сă-бе́ге...* ~ *и ка́зуваш'и на инса́ну о́ти писа́ноту сă ни распи́сува* [MS,t,18]; ~ *Се́тне ба́бăта сă-зе́, ути́ди дă-гу-пала́ де́уту. Си зе́ва и три́ плу́ти сире́јне.Оде дă-гупала́. И о́де, у-испул'ýва уд-о́цăкут – де́уто си-се́де нă-о́гăнут. –"Ле́ле го́спуди, шо́ ми-е-писа́но са́м дустáнăм се́а. Ка́к сă-жи́ве са́м?"* [ДК,117]; ~ *и да му рич'е́ш' на ч'урбаџ'ја́та: "б'ắлуту ч'е́рну ста́нува и ч'е́рнуту б'ắлу ста́нува, пи́сано́ту сă ни распи́сува"* [MS,-t,15]; ~ *гу бр̥ка Го́спут' да по́ј да гу на́ј, да гу пи́та: "пи́сано́ту сă распи́сува и́ сă ни распи́сува"* [MS,-t,14].

писа́р* m 'ангажиран човек да води евиденција, односно запишува, регистрира она што е потребно' ~ *случи́ло, о́нај дни́ му дошли́ рабо́ти мло́гу, фати́ха си́чките писа́ри да пи́шат, така́ и де́тето. По́сле оти́де пе́рвиат писа́р да ви́ди, де́тето каквó пи́ше. И кату гу виде́, са почýди* [V,PM,152]; ~ *тогáс тój му ве́ли на́ господа́ра си: "што́ да ти ка́жа господи́не? Това́ де́те повре́ден ја́ от си́чките писа́ри, и от ме́ника е повре́ден". Тогáс господа́рот му ве́ли на писа́рат: "така́ да зна́јте, от Македонска зе́мја каквú дýхони испа́ждат!"* [V,PM,153] – изблик на национални чувства кај раскажувачот, односно запишувачот на приказната (и едниот и другиот од Солунско).

пи́ска f **1. 'свирка'; 2. 'долгата коска од коленото до стапалото'** [ПК,2(85)].

пи́ске impf 'вика со висок глас' ~ *еден ден – ка са шетал, видел еден орал, дека писке. Го питал: "Што пискиш?" Оралут му рекал: "Една змиа иде ката гудина, ми јаде пилците и сега иде па да ми и изеде". Тоги детето а удире змиата, ка са качувала по дăрвото, а утепуве* [V,-PM,271]; ~ *удде́ле, купи́ле е́дна ругузи́на, га-завијале уф-ругузинта, ќазăпа́л'ăт. Та: пи́ске уф-ругузи́нта. Дă зна́јш, ви́ке, ти́ ме́не дă-мă-ла́ђш. Та: дăво́јка ме́не дă-мă-чу́ве... а-ти́ зă-три́ де́на дă-гу-зе́миш бăкши́жо"* [ПД,165]; ~ *пăсе́јки о́фци не́кој де́н е́дна кăпи́на сă-зăпа́ли́ла, гуле́м о́гин испа́дна́л ут-та́м. А-та́м има́ло-пă е́дна зми́:. Зми́:та пучна́ла, ка́ фă-ти́л о́гино дă-го́ре, дă-пи́ске, по́муш бăрка́ла* [ПД,152].

пискýл' m **1.** 'висулка направена од конци во различна боја, се закачува на горниот крај на капата, специјално на фесот (капа што ја носат Турците)' – ако плаче некое дете за да го смири мајка му ќе му зборне: *"Ја го дедо Бужиќ иде сус криво магаренце; ки ти дунесе: бобо, дулама, папуци, фес сус пискул'. – Ако не молчиш, ка ки чује оти плаќиш, ки са нал'уте и не ти дунесуве ништо!"* [ТГ,84]; **2.** 'цвет на пченката (личи на висулка од конци)' [MS,s,83]; **3.** 'врвка на кондури' [MS,s,83]; **4.** изр.: **сé пискýл' сă-пра́ве** (= се однесува надмено, како да е поважен од другите) ~ *ја тăкóф-ej Са́нде нă-А...*

кăкóф кус-éj áма сè сáке дă-знáа пóвќе уд-сúте, нăд сúте уд-гóре дé-j сáке, кут пискýл', зăтóо му-j-звáдин и пăрмóн Пискýл'о Сáнде [ПК,-2(193)].

пискул'че n, dem. в. пискýл' 1. ~ *"мамо, мори, мамо главата ме боле!" – "на глава си фино фехче,[на фехче си тепелуче,[удузгоре и пискул'че – хej, зашто велиш, мила ќерко,[глава да те боле!"* [ТГ,95].

пискурник m 'парче округла даска, од едната страна има шари, резба; со притисок врз тестото се добива ишарано лепче што се носи в црква – литургија.' Ова лепче се носи в црква кога е празник на мртвите (*мртвин)* и се раздава на вратата од црквата, односно на гробиштата [ТГ,30].

пи́скăне* n 'викање со силен глас' ~ *нăпăлни́х óчте дă-плáчум. Глéм кăм зáвуда сă-витрéе нéкуj áма нмóжум дă-гу-рăзлúчум шó-j. Мăпуштúа, áс тăрчум, óни прăпукáа, óдум кăт-мájка, óни плáчат, áс плáчум. Уддéме фăф-сéлто, сúчко изгóрно: жúтишта шо úмше субéрно. Уддéме пу-рéкта, флизéме уф-édна jéла шо-о-вúкме нúа, тáма да-прăнуќáвме. Дéтто на-цúцка намájка-ми плáче, óно па ќи-нă-издáде. И-мájка-ми вúке: "Дé брé Рúсто, ти сă-мóче? Да му дájме, вúке, нă-дéтто, зéр ќи-н-издáде"... (Jáс) стéнки, кулку édна лăжúца мăлéнка, двă-трú кáпки и прáво уф-рăцте, му мáчкиме нă-ýстта да зáпре* **пи́скăнто**, *да нé плáче* [ПК2(Ал–358)] – како илустрација на лексемата **пискане** дадовме поголем контекст (извадок од биографски кажувања на Ил'о Даскалов, од с. Алексово) за да ја илустрираме автентично жалосната судбина македонските жители од Кукушко кога биле принудени да ги напуштат родните огништа пред страшниот притисок на грчката војска за време на Втората балканска војна 1913 г.

пислăк m 'срамотилак, неморалност' ~ *гулéм пислăк сте нaпрăвúли зáстринта* **[ПК,2(85)]**.

пи́сменце* n, dem., в. **писмо** ~ *тапúатa у-нéго. Сéa, óди нa-кaпитaнo, вúкa: "Еве-ти тапújатa". –"А ми парú? Ас, вúкa, дв'á лúри ти дaдéх. Шó дa-прájми!" –"Нé милýвам, вúкa, áс бróт. Нé милýвам и-парú. Твá пúсменцéто, вúка, дáми-гo дaдéш"* [ЛС(К),125].

писме́н* adj 'тој што знае да пишува и чита' ~ *нa писмóто пишýвa: "Твá д'áти шo-ќи-дójди, квá-ќи-си врáтa дa-гo-пoгýбити". Тój сéa гo-тéкнaлo óти имáнитo дa-мujáди, нáли нáрешнúцити гo-рéкoa твá. Твá д'áти oтивájќи сéднaл, л'áтно вр'áми билó, пoд-еднá гóрница, вúка, писмéно д'áти, в-гимнáзиа óди. Вúка: "шo-нé-гoтвóрa тó-пúсмо áс"* [ЛС(К),108]; ~ *"Пúсмăн си?", му-рăчéл дéуто. – "Пúсмăн сум, рăчéл, мáлко". Мудáве дéуто и мулúф и книга* [ПД,147] – во контекстот среќаваме прашална реченица без партикулата **(да)ли**, сп.:*"Пúсмăн си?"*.

пи́смино adv 'во писмена форма' ~ *аку-зaстáнăт тáм ни-j-упáсна рăбóтта. Вó пу-нáс – дéк зaстáнмă нúе и óн. Е, нéjсе, тá минá шоминá, на-призé уфицéрчиту шобéше и ни-зéва свидéнија, ама ýсмино нé пúсмино, зăшó бéгăте, ут-кóго бéгăте, нúе árни л'ýде нé тéпиме* [БМ(В),192].

писмо́ n **1.** 'писмена порака до некого, извесна содржина, испратена со цел да соопшти нешто' [MS,s,83] ~ *и тикна за Ѓуро пијаница от Куфалову: испишаха две писма*

[МС(В),97]; ~ *на ти и едно писмо от мојта рӑка, да гу дадеш на цӑрјувата керка, сама да гу пеј! Писмото така велиши: "цӑрјува керка, харна дивојка, моја л'убов!"* [V,РМ,90]; ~ *варзала писмото на гӑлӑбни крили и гу прати на татка и* [V,РМ,63] – во текстот имаме проширена употреба на множинската наставка **–и** кај именки од ср. род: *гӑлӑбни крили* (м."крила") – за односнава посебност в. во граматичкиот дел; ~ *тјанака седнала, писала едно писмо на татка ѝ така: "тате мој, цӑрју, три керки си имал, трите причуени по сичката земја: двете от умот да ги извадиш"* [V,РМ,63]; ~ *сега две́ годи́на кату чини́, на господа́рот му не прати́ хи́ч писмо* [V,РМ,14]; ~ *нӑпи́шуве адна́ гуле́ма кни́га, пи́смо демек, гӑ-да́ве нӑ-пӑрхутчи́та, а о́н та́а нидэ́л'а уста́не уф-С..., дӑ-ка́жме, де. Г-испра́ште них. Шо́ пиша́л, пиша́л то́о тӑргофцо, пӑрӑхутчи́та, сј-о-кла́ве пи́смото́ уфцебо и па́ сӑ-вӑри́нат* [ПК,2(Ним–271)]; ~ *тој отговори́: "и́мам ја́зе еди́н бра́т на Ста́мбол, та он ми писа пи́смо за да му ку́п'а таквас една́ кӑ́шта"* [V,РМ,18]; **2.** 'напишан текст' ~ *и хекимцијата, тамо на страната кату си вал'аши нос лиен, го зема, в него да течи кръвта. Кога искара капако, гленда писмо на лиено да вели така: "дјушјун дајап!"* [V,РМ,168]; ~ *и му писа́л Пила́то и пи́сму навраз гла́вата уф кръ́стот; да пи́смоту ве́лиши: Исус Н..., Цӑр Јудејцко. На ва́ пи́смо но́гу Чифу́ти а пија́ле, о́ти ме́стуто шу гу кръсти́ле на Исус бе́ши бли́зу ду гра́т* [MV-(К),293]; ~ *виде́ на чешма́та да пи́ши едно́ пи́смо така́: "ко́ј не́ ки пи́ј от та́ја во́да еди́н та́с, мӑ́ж не си бро́и, от же́на по-олча́к је!"* [V,РМ,122]; ~ *тогас тој му и рекла на них: "јазе ја скокнувам, ама сакам пӑрво сос цӑрјут да чинам здрав и јак пазарлик сос писмо и сос мјухјурја"* [V,РМ,185]; ~ *искара́јт-ме на дру́м, на суберут,[ле́ле за ба́јра́кут ко́јну ми вӑрза́јте,[на но́јзте пи́смо испиша́јте,[на сӑрцето пи́ле Спа́но,[ки́тки насија́јте* [ИГ,108]; **3.** 'ракопис||писмо' ~ *"да ја ви́да кни́гата!" и ја гл'е́да н'е́гувото́у писмо́ и то́ј си мла́кна пак* [MS,-t,17]; **4.** 'судбина' ~ *ут-пи́смуто не́ сӑ-бе́ге* [ПК(Мор)]; **5.** изр.: **зна́е пи́смо** (= умее да чита, да пишува) ~ *о́н не́ зна́е се́га ко́-е та́. Не́-ӑ зна́е. – "Е, се́га, му ре́кӑл, ќ-у-кла́јме га́зда ко́ј зна́е по́јќе пи́смо". Она зна́еше о́ти зна́е пи́смо. – "Ту́ка ко́ј зна́е по́јќе пи́смо то́ ќи-би́де га́зда"* [ДК,133].

Писна Тикла top. 'карпа под која тече мала струјка вода и во најсушниот период' (сп. тур. **pis** 'нечист, гнасен'; **тикла** 'месност каде што има камени плочи' – според Ј. Иванов станува збор за латинизам) [ЈИ,Ми...,73].

писни́ца f 'тупаница' [ПК,2(85)].

писова* impf, в. **пи́ш'и (писа)** ~ *и па́к гу попи́тал, колко ока́ во́да и́ма фаф бара́та, и хизмика́рја иска́рал крату́ната и ако́лата та му ка́зал: "Сас ај та́зикана крату́на приме́рих и на ако́лата писо́вах". И като́ зел ца́рја ако́лата па́лна ну́ли, не́ можил да собере́ ко́лко о́ки са* [V,РМ,256].

писо́к и: **пе́сук** f, m 1.'ситни зрнца од земја, обично од речен нанос, се користи во градежништвото' ~ *и ӑ-зе́вӑт кӑ́рпӑта ӑ-утфуру́вӑт. Шо́ ќи-ви́ӑт унӑ́тре у-кӑ́рпӑта: иднуцам пӑ́рче, иднӑ-рӑка пе́сук, иднӑ-*

лузи́нка па́рче, иднӑ-цӑрна кӑрпа [ДК,134]; ~ *утиде́ сига́ но́го нӑдӑле́ко, нӑ-адна́ рӑскрӑсница: дӑка́жиме така́ дӑ-о́де нӑ-кӑд-Со́лун пӑт... и викна́ тил'а́л ф-та́а уко́лнус: – Ко́ј и́ма ко́ли, ко́ј и́ма ко́јне дӑ-но́сӑт ка́мине, ва́р, пе́сук* [ВК,283] – очигледен пример за влијание од турс. јазик: "лепење на именките една до друга" (без придавска формација): **дӑ-о́де нӑкӑд-Со́лун пӑт;** во Солунско: **п'а́сук** ~ *и то́с ма́стуру има́ш'и у дуло́ на п'асуко́ иди́н куцу́р гул'а́м* [MS-,t,20]; во Дојранско: **пӑсо́к** ~ *муве́ле нӑ-бӑша́-му: "Се́га ќ-о́диш до́ма, к-им да́јш нӑ-мӑсӑчӑрто пла́тта и к-им ка́жиш: уд-у́тре нӑ-тӑка́ бӑрка́јте-си кӑсме́т, нӑмо́жум ја́с дӑ-вӑ-гле́дум, ету гле́-те, кути ри́бӑта нӑ-пӑсо́кта устӑна́х"* (= се кажува кога некој ќе се најде во тешка материјална состојба) [ПД,144]; **2.** гатанка: **ортума уд писок (= јаже)** ~ *дудека зетут не ки дунесе ортума уд писок – не вичерме* [ТГ,162]; истава гатанка ја среќаваме и во Зборникот на Верковиќ: ~ *они чиниха каул сос царју́т така: "царју, дали можиш да чиниш едно вӑжи от песук три педја?" И царју́т рече: "мога това да го чинам"* [V,PM,59].

Писца́та top. 'падина, ниви и рушевини од стара топилница за железо' (Елешница, Валовишко) [ЛИ,Ми...,173]; в. **Пехца.**

писти́* impf 'штеди, економисува' ~ *писти́ ма́нџ'ата (= по́ма́лку сӑ ја́ди)* [MS,s,83].

писуки́ш'ти n 'место каде што има многу песок' [MS,s,83]; сп. **кумлу́к.**

писукли́в* adj 'место што содржи песок' ~ *да и таја турлија прӑс шо се наогја ув нашто поље... шо му велиме нијӑ "гјерин" не јӑ толку писуклива* [ME(P),75]; ~ *кӑрцката земја ј песоклива, цӑрвеница, цӑрна прӑс, бела прӑс* [ME(P),78].

пи́та (и: **пӑта**) impf 1.'бара да му се соопшти, објасни нешто, праша' ~ *му ве́ли: "да ти питам, дали от ту́ка си, или от дру́га зе́мја и по-што ра́бота са врати́ш ту́ка"* [V,PM,13]; ~ *ја́с пӑтам, пӑтај ста́рита;* уште поговорка: *ко́ј пӑта, ни скӑта* (= кој прашува не скнта) [ПсС(З),64]; ~ *мухтарут немă изим ни јдин, дӑ удрӑ селцки мијур, биз дӑ гу питӑ субӑштӑ* [ME(P),91]; ~ *кузум, браче Ристо, ного ти са мол'ам:[клајне да му чиниш,[мӑчин помин пуминувум,[ни на леб сум ни на вода; [куќа празна растурена;[нема никуј кој да пите,[жива ли сум ил умрена* [ТГ,265]; ~ *гу пи́та то́ј: "кутри́ си ти?"* [MS,t,59] – сп. присуство на лексички архаизам: **кутри** (= кој); ~ *му ве́ли: "аман, човече, тинака, што си дошел тука, да ти пи́там: ту́ка, што излезох ја́зе, ка́к са именува това́ гра́т?"* [V,PM,8]; ~ *му вели така: "ах синку, тинака сос това занајат млогу мӑка ке да теглиш, туку ер-зашто на меника да идиш да си питаш!"* [V,PM,41]; ~ *му вели́ на јуна́кот: "да ти пи́там, јуна́че, сега́ три годи́на на чуздина́ как си проминал?"* [V,PM,23]; ~ *Исл'а́зи до́л, сӑ прим'ӑни́, гу пи́та паш'а́та* [MS,t,54]; ~ *гу пи́та игу́мину: "така́, така́, до́л на по́ртӑта и́ма иди́н калу́јӑр сӑс ина́ ко́ш'ница смо́кфи и вили́ ч'ӑ ут то́с манасти́р и б'ӑл"* [MS,t,45]; ~ *утино́ш' ги кла́ва н'е́гувит'ӑ христавика́ ... на ино́ бл'у́ду и ги да́ва на измиќа́рката да по́ј да гу пи́та*

[MS,t,12]; ~ *устáна з'énт'у и нив'ăстата думá и тугáс нат'ąнхá гу пи́та: "ут ш'то сój си ти?"* [MS,t,15]; ~ *ви́ди инó сф'ąти́лу на крајó с'élуту, ути́ди на пóртата, чýкна и ути́духа, пи́таха* [MS,t,15]; ~ *прúн да пój óшти на ки'énудухú-јуту, гу ви́ждa инá бáба и гу пи́та* [MS,t,9]; ~ *и дáва инá нójма, исл'áва дóл, му утфáра пóртата и гу пи́та* [MS,t,10]; **2.** 'бара согласност за нешто, се советува' ~ *"Ка е арно Госпуд нека дaде!... Сус радуст темел' са удире; сус радуст да са пукрије, сус рaдуст оґин да са навале! Сус радуст госте да прачеке, сус радуст госте да испрате!... да им се пите уџакут,... уџакут да им са лаге! Првна да са лаге!* [ТГ,296]; **3.** 'проси' ~ *да питиш па да са раниш* (клетва – со просење да се исхрануваш) [ТГ,320]; **4.** – **(са)** ~ *Ристос да је тука, не са пите за тија работи, који ґавул та буце... тија работи не са арни* (така му одговарале жените од Гевгелиско на Ст. Тановиќ кога собирал дијалектен материјал и ги прашувал за лекување на извесни болести) [ТГ,2]; ~ *ќи-с пи́тум дóма дáл' да дójдум и ác* (бара согласност) [ПК(Гăр)]; ~ *"млăч' ти! ут т'éб'ą сă ни пи́та ш'ту прáв'ą!"* [MS,t,11] – дијалектна посебност од Солунско: глаголот и заменската форма, што по правило одат заедно, овде се одделени со негацијата: **ут т'éб'ą сă ни пи́та**.

пи́та f **1.**'јадење од сукано тесто, баница – **то́ч'ину**' ~ *т'á му стóрила инá пи́та, н'étр'ą с'é ли́ри пу́лна* [MS,t,34] – регуларна замена на некогашното вокално **л** во Солунско е 'ăл', во случајот **пу́лна** може да се објасни со лабијализација; ~ *и с'éднаха да идáт; им'ăха то́ч'ину ('пи́та') и брăкаш'и сфáт'ąта идúн нóш'* [MS,t,78]; **2.** 'питулица од пченкарно брашно'; **сп. мисúрна пи́та** (= леб од пченкарно брашно); **3. 'леб',** ~ *ниа имами адет: едната страна брашноту гу мјасими, една пита ја клавами на вогинот да са пиче; и ниа са прикажувами* (погрешно пишува: 'прикажуваму'), *и кој ки надвии на прикажните, земува пита-та* [V,PM,202]; **4.** 'неисцедено саќе од пчели се вика **пита' [ТГ,400];** сп. **ме́т на пи́та** (= меден колач); в. **ґуме́ч'** [MS,s,83].

питајнă (и: **питане**) n **1.** 'прашање' ~ *и тăрговецо навăрвил си по пăто, пак овчаро утишел в градо, от де бил тој, и с питане нашел кăштăтă му. Дур ега сă вејке смрăчило, хлопал на портите му* [V,PM,280]; **2.** изр. **нејкă питајнă** (= јасно е дека е така) ~ *нејкјă питајнă оти он тикмилј сам ни си ă рăботă рăботтă* [ME(P),89].

питачка f **1.**'кога нешто се прашува, прашање'; **2.** изр.: **нејке питачка** (= несомнено) ~ *Постул ăј от ногу страни интересин, ами нејкјă питачка оти најповичкјă...* [ME(P),82]; ~ *на ва питачка му са пувăрија на чувек изридувачката на сăта патки шо имам пуминато* **[ME(P)67];** в. **питајнă**.

питаште́м adv 'прашајќи' ~ *гу врăзá кóн'ут на едúн хан и питаште́м, питаште́м најдé Кулу́фувата кăшта; гу оставúха човéците, влезé нетри* [V,PM,12]; ~ *тиа двамина питаштем-питаштем га најдоха дупката и, кога влезоха ф неа, видоха самовилин син, спиши и га цицаши џарјувата мома. Тјанака им рече: "скоро да идити гори на земјата, да најдити некој стар човек, да питати, как*

можити да ми откинити от тука!" [V,PM,63].

пинте́л* m, zool. 1. 'домашна птица – машкото од двојката: кокошка – петел' ~ *кукури́кна пинт'е́литу и сă пуб'а́гнаха дја́вулéту* [MS,t24]; ~ *гр'е́бин' на пинт'е́лут* [MS,s,33]; ~ *и кога приближиха векu на неговата земја, тој имаши еден пинтел на конаќут, са чуиши далеку: кога ке да кукуричкаши, са чуиши дур на крај царчина негова* [V,PM,72]; ~ *и богатјувата мома, кату беши заспала и баилдисана от она вода, тогас си разбудила и вели: "мари сестру, на това магарјув цар пусти пинтел са чуи дур тука"* [V,PM,72]; ~ *пенте́л на буни́шти па̀і* [ПсС(З),70]; ~ *вечерот пак за си собрат кумови и сватови, јадат, пијат. И богазјајту, колко ки бидат, сите ки дојдат на зентјут да си гостјат дур саатут на 7, и прајат и пентелот с пентелова песна* [V,PM,250]; ~ *бостанот стана кату орман, хем и вpăзал либиници млого. По либиници време татко ми и вјахнал пентелот и јазе котката* [V,PM,202]; и: **пе́тăл** ~ *инă куко́шка устăна́та и идну-пе́тăл. Ти́а вика́ле: "Ту́к-ту́к, ту́па-ту́ка-ту́ка, ту́п-ту́п, ту́к-ту́к!" Ти́а же́јнте си ре́кле: "Шо́ ви́ка ту́ка во́ пе́тлу? Аj д-испу́лиме шо́ и́ма?" Ко́а ќ-о́дăт дă-ви́дăт – су-ко́шу пулупе́на, чу́пăта сто́е узло́ла* [ДК,121]; има и: **диф пител** 'вид фазан', ловеле уште: **дива папија, путпулок** и др.[ТГ,385]; **2.** изр.: **де́к не-пе́ăт пе́тли** (= пусто место, без луѓе) ~ *Ка́к? Мо́јта мо́ма во́нка не-изле́зе и тува́ да-стáне. И ви́кăт два̀ ѝинл'ата, кăчу́ват-га уфпăјто́нут дă-га-уткáрат та́му, де́к не-пе́ăт пе́тли, и́мто дă-не-ј-чу́ăт* [ВК,283] – уште еден пример за перфективниот презент: **мо́јта мо́ма во́нка не-изле́зе и тува́ да-стáне** (наместо стандардното: 'вонка не излегува'); **кут некуј пител** (= се кажува за некој што се прави важен и со претерано гордото однесување, сака да доминира); **пителут не му пее виќе** (= нема веќе влијание неговиот збор) [ПК(Мор)]; **кăд на́с пите́л пе́е** (= кај нас домаќинот го има главниот збор) [ПК,2(150)].

пител'ка f 'направа за запетлување на облеката, копче' ~ *ела ми ела, пусестримо![дej, гиди, ветка пусестримо,[да ми седниш ду меника,[ду меника ле ду кулено,[да распетлиш де ред пител'ки* [ТГ,95]; [ПК,2(85)].

пите́лче m, zool., dem., в. пинтел ~ *Исjáа же́нта ут-ма̀жут мо́мта не́ а-са́ке, гă-не́ј̀ке. Е, шо ќи-пра́ве: фа́ј̀ке и́-изме́сува адна бе́ла пу́па. И, та́а пу́па гă-тăркáл'уве. Та́а пу́па де́к ќ-о́де, уф-не́каа вудини́ца. Ка́ удде́ла уф-та́а вудини́цта има́ло: а́дно ку́чинце, а́дно ма́чинце и а́дно пите́лче* [ПК2(Иц–285)]; ~ *дуjдéла кăрăкóнцулта: "Че́шăл, пе́шăл дивójко, утвóри-ми вра́тта, ќи-ти-мо́тум цре́вата". Ар-ама, ку́чинцто, ма́чинцто и пите́лчто кăжáл: "Ар-а́ма, ка́ ќи-до́јш нă-мо́мăта ќи-дунéсиш спре́ма, си́чко ќи до́нциш, ду-чура́пче, ду-папу́чки, ду-фуста́нче, ду-си́чко ќи-до́нциш* [ПК,2(Иц-285)]; и: **петелче** ~ *момичката утишла и, кога сă вејке убаво смрачило, испекла си еднă пепелашкă (богача) и седнала да вечерjă; на петелчето и на коткăтă давала средăтă и ги милувала, пак тја јала коринките* [V,PM,287].

Питéстата Чéшма top. 'водата извира од под голем камен, рамна плоча'; во дијалектот во употреба е придавката **питест** со значење: 'притиснат, сплескан', сп. **пита** [ЈИ,Им...,173].

питилак m, zool. 'машкото од кокошката, петел' – кога е најмало се вика **пиле**, потоа **петлинце**, па **петле**, па **питилак** [ТГ,403]; в. **пинтел**.

питимúја adj 'сакан, гален' ~ *имала чина, дос, син питимија,[син кајмитлија,[она гу дала дос, поп да се јуче,[ѓак да се чине,[она гу дала, дос, за три гудини,[и три месица,[он се научил, дос, за три месица,[и за два три дни* [ТГ,50]; ~ *óн нé-j питимúја уф-сóјо;* ~ *имáла мáјка сúн питимúја, сúн кајмитлúја* [ПК,2(85)]; в. **петемúка**.

питинкă̄ f (dem. од 'пита') ~ *момичката хи рекла: "белки, бабо, најде тук една питинкă̄?"* [V,P-M,286]; ~ *нехинăтă си миловала много, пак завареницăта ненавиждала, бахтала и ја праштала да паса оловето. Еден ден си носила за ручок једнă питинкă̄ и, като пасла говедата, паднала хи* [V,-PM,286]; ~ *óн утúшал на-Срýма да-налéј вóда. Тă си-тувáри накóн'о чеúза и ąлтăните и си-одн'áла думá. Мáјката р'éкла на-кéрка-ú: "Е марú кéрко, já ќе ти-напрáја ǫт-чúсто брáшно питúнки и тéбе ќе-та-пýсна да-дукáраш ąлтăни"* [ВС(Кал),336].

питлинтúја f 'место каде што се пресекуваат два пата, раскрсница' ~ *питлинтúја вúкме, раскрăсница вúкме, тóо е úсто* [ПД(129)]; [ПД-(132); сп. стсл. **петлια**.

питрúка f **1.**'кадела од волна (или памук) приготвена за предење'; **2.** изр. **питрúки пáѓат** 'врне снег со големи снегулки' ~ *цéли питрúки пáѓат, ќ-о-нáќе нąдnóч* [ПК,2(85)].

питрици pl.tt. 'детска забава, натпревар што се состои во истовремено покренување од земја на 4 ореви' [MS,s,84].

питроф месец* m **'летен месец кога "паѓа" празникот Петровден – јули'** ~ *јас чиних нает да кинисам за милта ми патрида на крајта на Питровјут месец* [МЕ(Р),67].

Питрови жеги pl 'времето од 15 јуни до празникот **Питровдин** (12 јули) народот ги именува **Питрови жеги**. Тогаш фаќаат најголеми горештини и народот зборува: "леб се пече" (т.е. житата по нивјето созреваат). Народот уште зборува дека тие дни Св. Петар ја заклал и ја ставил да се вари својата крава, и околу ручек, кога поради жештината воздухот ќе почне да трепери, народот верува дека тоа е *думан* (пареа) од неговиот казан. Тогаш обично се кажува: *"А Свити Питар ка е стакнал огинот* (го засилил огинот), *оди да, да таја крава не са сваре"* [ТГ,15].

Питрó(в)фд'éн' m 'име на празник (среде лето)' ~ *дóјди Питрóфд'éн' , утúдуха ш'úч'ки у ч'éркфа ... ја устáха бахч'áта Кéл'éш'у да ја ч'ýва* [MS,t,33]; ~ *нăпăлнúх óчте да плáчум. Глéм кăм-зáвуда сă-витрée нéкуј. Мă-пуштúа, áс тăрчум, óни прăпукáа, óдум кăт мáјка, óни плáчат, ас плáчум. Уддéме фăф сéлто, сúчко изгóрно, жúтишта шо úмше субéрно, Питрóвдин, нéли* [ПК,2(Ал–358)]; ~ *пучнáа тúă тóпуве дă-пýкат уф-сéлта, запáл'уват сéдбите, жúтта. Бáш кул-Питрóвдин бúше, прет Питрóвдин* [ПК,2(Мор–218)]; од Гевгелиско: **Питровдин** – тоа е *гулем и тежук* празник, зашто за него се пости, како што се пости за Божиќ

и Велигден. На **Питровдин**, покрај другото јадење, треба да се направи и **млечник** (= вид јадење од кори, на средина има млеко и парчиња од кори), за да "бидат благи" цела година. До **Питровдин** *секуј житвар* треба да *дужниje*, ако сепак некој остане да жние и по празникот тогаш му се потсмеваат вака: *"А, он јаде вадан штркал"* [ТГ,73]; од Серско: **Петро́вден** ~ *Рáсни, рáсни пиринýго, рáсни, рáсни пиринýго,[да-нарáсниш, да-напýкаш, да-нарáсниш, да-напýкаш,[на-нив'áсти за Велúгден', на-нив'áсти за-Велúгден',[на-ирѓéни за-Ѓурѓóвден', на-ирѓéни за-Ѓурѓóвден', на-чубáни за Петрóвден', на-чубáни за-Петрóвден'* [ЛС(К),131].

питро́вка f, bot. 'дрво кое раѓа плодови што зреат околу Петровден' ~ *питро́вка мóж де-ј јабýлка, грóзде или крýша* [ПК,2(85)]; в. **петро́фка кру́ша**.

питроф-пос m 'постење пред празникот **Питро́фд'ен**' ' – овој пост влегува во параметрите на годишните времиња (во Гевгелиско): пролетта трае од **Свети Чтирасат** па до **Питров-пос**, летото трае од **Питровпос** па до **Мала Бугурójца**]ТГ,7].

питроп m **1.**'човек што работи в црква и му помага на попот, пр. тој продава свеќи, или на гробиштата со торба в рака оди кај жените и собира *куматчијна* леб за попот' [ТГ,31]; **2.** 'благајник' ~ *ка умрáкнá вúки, вéли стопáнут ут лóзито на нéговуто пúтруп: Вúкај на аргáтити, и дáј му на нúх áкут му, да зафáти да плáтиш пишúн ут напукóшнити дур на прáвнити* [MV(K),314] – во контекстот има убав пример за тоа дека во југоисточните егејски говори, како и во западното наречје, предлогот **од** се јавува и со посесивно значење: **стопáнут ут лóзито** ; ~ *му а варзá рáнити, а ми су вúно и су дăрвино мáсло, и гу качú на нéгууто дубúток, и гу носú на спитáл'а. На ýтрăн дéн... извадú двé цéли, му а дáл на пúтропот... да му рéкăл на нéгу: Нá, да гу гледаш* [MV(K),277].

Питру́хци фам. име ~ *áдно дéте шó úмат Питрýхци, уф-чáша до-испúјш* [ПК,2(208)].

Питру́ш м. л. име ~ *дóбăр е, нé сă кáре, нé сă л'ýте: Питрýш* [ПК,2-(154)];и: **Анди-Питруш** [ТГ114]; ~ *И тúа сáа гу-фájкăт дéтто дакáже кój-утипá Тýрчинут. Тóо дéте рéкăл: "Нé знáм". Му-удрúли кутéкут, о-пубăркáли и кăжáл: "крицувáне". "Кój-сă?" "Мúцо Пăнăjóтуф и Гóце Кл'áнкуф". Мójо тáтко са-вúкше Питрýш Тáшуф* [ПК,2(Кр–294)].

питу́ве* impf 'праша' ~ *зингúната мéсе идна-чúста пугáча, ă-клáва у-тóрбăта, óде. Гу-нăóжца тó дéдуто шу-бúл. – "Дéка óјш, бре дéте!" – "Дéк к-óăм – к-óăм, тú шó питýвăш?"* [ДК,126]; в. **пи́те**.

питу́лица f 'јадење од пржено тесто, тиганица'...

питум adj 1. opp. на 'див', пр. *питума круша* (круша што е калемена, со убави, сочни пло-дови); **2.** fig. 'за човек со мил карактер, што е толерантен' – кога во некоја куќа има гости, а ќе придојдат и нови, тогаш оние што се порано дојдени ќе станат за да направат место на ново-дојдените, кои за да се извинат ќе ја кажат поговорката: *"Дош-ли диви да истерат питуми!"* [ТГ,90].

питум бозил' m, bot. Sambucus nigra 'бозел', тој не е калемен, но се разликува од другиот по тоа што стеблото е празно и децата од него прават свирка (кавал) [ТГ,323].

пиќа́суве impf 'забележува, осеќа' [И-Г,127].

пиужина златна f 'украс од златна жица што се придава кон обетките' [ТГ,136].

пи́фка f 'јаболкото на грклано, го има само кај мажите' [ЛС(К),93].

пихтѝа f 'засирена, згусната течност од варени свински нозе и уши' [ПК,2-(85)]; сп. уште **пиктѝа** 'засирена крв' [ПК,2(84)].

пициник m 'леб печен во фурна' ~ *му дадоха кајве и пил, л'апче мăричка* (пишува: 'моричка', но 'мăра') *кату гол'ам базирґанин по мăра да јаде. Него да му даваха на темнојут еди́н пициник му не стигаши, ама как да исмамјат еди́н траговец, да му везмат иманишту* [V,PM,178] – во текстот зам. форма за прав предмет **него** (без предлогот 'на') се јавува во функција на дативната форма: **него да му даваха** (м. 'нему да му даваха'), освен тоа прави впечаток збороред: глаголот и заменката се разделени со негацијата – **му не стигаши** ('не му стигаши'); в. '**пишник**'. **Сп.** 'пешт'.

пицне pf 'допре, пипне' ~ *сос бабата на пăтју как идиха, имало една река да проминат. Бабата кату беши биз гашти, здигна дрехите си нагори каде појасо, тојнака "тутуч" речи, и си закачиха дрехите и на појасот: бабин гăз на мигдан остана... еди́н чобан излези. Как га виде бабата, речи сос прăстот да ја пицни* [V,PM,98].

Пицур top. 'чешма од која со прекини тече по малку вода'; според Ј. Иванов од гл. **пика́ (сă)** 'се моча' + наст. –ур (сп. *чучур*); стсл. **пиканина** – Крушово, Валовишко [ЈИ,Им...,173].

пич m 'вонбрачно дете' [ПК,2(85)]; в. **пичлеме**.

пича́ґба f 1. 'ангажираност на луѓето кога одат надвор од своето место за да заработат повеќе' ~ *си-би́ле тримѝна бра́тќа. Две́те гулеми са лафи́ја да о́дат на пича́л'ба, пума́лту бра́те не сака́ле да гу зе́ват на пича́л'ба. Ти́ја кинисале да о́дат пупắтут и то́ сѐ гу* (ги?) *прати́ло пу ни́х* [БМ(Тр),205]; ~ *ја́јма́лиа ре́кал, са́мо блаґослов те́рам ви́ка, ни́што дру́го не-те́рам. До́бро. И тắргнал то́а на-пича́лба. Еднио те́рал кắшта, дру́гио те́рал ни́-вити, а: "Ас не-те́рам ни́што. Блаґослов да́ј-ми игото́во"* [ЛС(К),119];~ *та́ткото блаґослов'а́л: "Да-и́мати здра́ви и живо́т, ас сắм ста́р, ќи-у́мрам...", и-така́ на-та́м, печа́лба, тва́, оно́ва. По стари́нски. До́бро* [ЛС(К),115]; **2.** 'заштеда' ~ *и-с'а́ди и си ми́сли ка́ко ќ-и́ди уф-се́ло се́а. Три́ годи́ни го-н'а́ма и-печа́лба ни́што. Го-и-сра́м сеа* [ЛС(К)119].

пича́ли (**печа́ле**)* impf **1.**'стекнува богатство' ~ *другá·рто дудéк сăмắчаа, пича́л'аа, ти си-ше́тше гắзо, сјáа не́к ти сă-сме́е све́то* [ПК,2(194)]; ~ *има́л еди́н три́ си́на. Ни-да́ва по-дв'а́ста дина́ра и-на-три́ма́та и-да-о́дат на-курбе́т. Ко́ј ко́лку ќи-пича́ли, то́а* [ЛС-(К),124]; ~ *еди́н изми́сл'уве: "До́бро, ръ̆че́л, и́ма кула́ј нă-то́. Ки-ј пу́шчăме тру́јца́та, пу-три́ гуди́ни ко́ј ки-до́ нă-и́ста да́та ту́ка, ко́ј ки-печа́ле по́вике пăри́, мо́ма́та киби́де нă-не́го"* [ПД,146]; ~ *зă не́кој пичали́л ли, зијани́л ли* [ПК,2(158)]; – тој што живее сам вака го објаснува својот статус: *"немум никакув субаша, па да ми праве тиртип и куманда, ка да работум. И ако са мăчум ама знам биле за когу пичал'ум"* [ТГ,286];~ *де́тто не́ о пу́штат. Нă-де́ут му-ви́кат: "Шо́ са́киш ќи-ти-да́јме, де́тто*

не-о-пу́штиме". И ка̏жа́л: "Шо са́кум!? Па́ри ќи-ми-да́јте". "У-у де́до, тоа́ не́ка-ј ра̏бо́тта". Е̏дин тува́р ли́ри му-на̏тува́рувaт на̏-ма̏га́ринцто, де́ут ста́не, си о́де. И пича̏ли́л де́ут [ПК,2(Крец-299)] – уште еден случај за перфективен презент: **де́ут ста́не, си о́де** (м. 'деут станува...'); и: **пиче́ле** ~ *дваjс гуди́ни чувек, на̏-ака̏л еj га́аре, са́м пиче́ле* [ПК,2(183)]; ~ *не́ за̏ви́дуви на̏-кумши́јте ту́ки сте́гни га̏с, пиче́ли, да̏-ви́jш ка́ са̏-пиче́ле* [ПК,2(195)]; **2.** 'се здобие со нешто што му е потребно' ~ *па иде́н сироmáх бе́ши, и́мито му Ла́зар, тоа́ па си ва̏ртиши до по́ртата не́гува, ем и́маши ра́ни, и пича́лиши да си наjа́ди ут ро́нкити шо паѓа́ле ут трапе́зата зингѝнцка* [MV(K),-274]; ~ *и о́н фати́ да угладну́а, и си ути́ди, си глави́ на иде́н ут тоа́ се́ло, и му пушти́ да па́са пра́вците уф урма́нут. И пича́лише да си наjа́ди ут кужу́рити шо jаде́ле сфи́ните, и не́кој не́ му дава́ле ле́п да jа́ди* [MV(K),281]; **3.** 'се труди' ~ *па Ма́рта си чистýаши ку̏ќата, има́ла но́гу рабо́ти, застана́ и ре́кла: Афе́ндо, не́ ми жа́лиш шо ми а устави́ се́стра ми са́ма да рабо́там? Гувори́ Исус да а ричé на не́а: Ма́рта, Ма́рта, пича́лиш и си разма̏тиш о́мут за но́гу рабо́ти, иде́н са́л трибу́ва* [MV(K),292]; **4.** 'сака, настојува' ~ *на тоа́ вре́ми, застоjа́л Исус на идно́ ме́сто по́ле, и но́гу Учени́ците не́гови, и но́го л'у́ди и сфе́т, ут са̏та Jудеа́ и Jеросали́м, шо дуjде́ле да му слу́шат, и да са̏ леку́ват ут бо́лкити, и шо са̏ ма̏чи́а ут те́шката бо́лка дjа́волцка, и си лекува́а. И са̏ти л'у́ди си пича́лиа да са̏ фа́тат ут не́гу* [MV(K),303] – проширена употреба на предлогот **ут** наместо 'за': **пича́лиа да са̏ фа́тат ут не́гу** (м. 'сакаа да се фатат за него') – за ова в. во граматичкиот дел; втора посебност претставува употребата на именка како определба на друга именка: **на идно́ ме́сто по́ле** (м. 'на едно рамно (полско) место'); **5.** 'даде' ~ *владиката пак му вели: "ади господине, jазе ке да му купа една книга, и за ајлаjци Господ пак ке да печали"* [V,PM,-37].

пича́лка f 'летна кујна во дворот каде што го печат лебот или друго под вршник, а кога е студено таму жените прат'; *са̏ ви́ке и* **пича́ло** [ПК,2(85)].

пичен adj 'нешто што било на силен огин' – сп. **пичена прс** (земја што била на оган): во вршник ќе испечат *бела прс,* или како што ја викаат *ума,* таа се сипа во благо вино (шира) и се меша за да не се расипе **пикмезут**... Ако во една каца има 30-40 ока шира, се сипа четири до пет ока *пичена прс* [ТГ,356]; ~ *ре́кал на ни́х: Имати ни̏што за jаде́ни ту́ка? Па о́ни му а дадéле на не́гу ри́ба пиче́на идно́ па́рча, и ут во́сук пче́ла ме́т* [MV(K),335] – посебности: употреба на заменската форма *ни̏што* наместо 'нешто': **имати ни̏што за jаде́ни**?; друго: нерегуларност во родот: **ри́ба пиче́но идно́ па́рча**; и трето: употреба на именка како атрибут на друга именка (образец позајмен од турскиот јазик): **ут во́сук пче́ла ме́т** (м. 'пчелин мет'); ~ *па́к на дру́гиj де́н пора̏нчеа, л'а́п да мjаси, да гу пе́чи, ама да е́ ниту пече́ну, ниту непече́ну. Самови́лите оти́доха* [V,PM,132].

пичејне n 'јадење, пр. месо, што е приготвено на оган' ~ *дали знајиш, бела Радо,[оти сакум да-т уставум,[оти не си jубава,[ку-ту првната гудина?! – Аман мо-ре, лудо младо![како да сум jас*

јубава:[тешка куќа на мен стоје,[мисејне, пичејне – сè на мене [ТГ,350].

пичéнка f 'клас од пченка со зрна' (Фурка), во Патарос: **кубáк**, во Николич: **мáл'ка**.

пичéта f 1.'крпа што се става под брадата на малите деца за да не се валкаат' [MS,s,83]; сп. **ѓуслу́к**; 2. 'тенка шамија' ~ *ни́ѧ ќи им дáдме цáло (срéбăрна пáра), алтăнче, зaмáнска пáра, и цвéќе и ќи́тќичка (кăрăмфи́л'че), вăрзáни ус цăрвéн кóниц, сус вăрáќ; бухчăлăк: кушу́л'а, гáшти, ри́за, чиврé (пăчéта), чурáпе, вăркузу́н* [ИГ,116].

пи́ч'ка* f 'женски полов орган' ~ *"дирминџ'и́јата – вили́ – т'ѧ ибá!" "уд'é знáш'?" – вили́; "пи́ч'ката – вили́ – вр'ăви!"* [MS,t,78].

пичлиме n 'дете родено надвор од брак' [ПД(117)]; в. **пич**.

пи́ш interj 'извик за терање мачка' ~ *нă вéчăрта сă-збрáли и сиднáли да-вичéрат. Кýчинцто чини́ло: "ѓауѓау, сáкум áно пáрче лéпче!" Мáчинцто, и óно мјáфке, сáке. Тáа мóмта пă му-вéле: "Пи́ш, пýста, нă-мéн мáјка мја:-мисú, нă-тéп н'а:-мисú. Нé ти дáм"* [ПК-,2(Ип-285)].

пишáк (и: **пишá**) adv 1.'одење пешки (не со превозно средство)', в. **пеш** ~ *тогас детенто стана право и рече на мајка му: "мале, јазе за пода на џјадо ми на гости!" И зема татковата му сабја, и трăгнал пишак да хождa* [V,PM,207]; ~ *ут-тýк ду-Срýмица сè пишáк óдăх, кá бúх пóмлáт; сă-вúке и пишá* [ПК,2(85)]; ~ *си-дујдé пишá; ~ на пăтјо как вăрвиши, и достигнал един калугер, пишјак и он ходи. – "Ора кали, патер! Каде Бог повели ки ходиш?" И калугеро му и рекла: "Бог да ти прости чендо! Јазе си не знај дека ки ходам"* [V,PM,161] – уште еден пример за нарушена конгруенција: **калугеро му и рекла** (субјектот во м., а л-формата во ж. род); ~ *шо ув селто ако кондисат Турци и нејкјат да оат пишак ду друго место* [ME(P),73]; ~ *кату чу џарјут, млого си нал'ути и от јад пукна. Тогас чамурџиата зева кон'ут, ја окачува нивјастата, и чаморџиа пишак отидоха на татковината му* [V,PM,234]; ~ *ми измами, Каранфил'о,[ми измами сăта стока,[сăта стока, сăте пари,[дај ми, дај ми Каранфил'о,[баре половинта пари,[да си купам брза којна,[да не јодам, Каранфил'о,[да не јодам сирак пишак* [ТГ,173]; сп. *јајáн хóд'а* (= пешки одам) [MS,-s,83].

пишáк* m (човек што оди пешки, пешак) ~ *тука има мос и за пуминувајнто преко не плајкјат сăл пишаците* [ME(P),72].

пишáјне n 'резултатот кога се пишува' ~ *уф-џăрквăта шо пéат, сè знáм. Зă пишáјне нéшто – нă мóжум. Гóспут да гу прóсте, ќи рéчше: "јáс нé знáм, бáăпта а питájте, óна сè знáе"* [ИГ,119].

пи́ш'и impf 1.'црта букви, ноти, знаци, со коишто се предава некоја содржина – пишува' ~ *нај-мáлкојут, кату знáиши мáлку да пи́ши, отúде на едúн гол'áм базирѓáнин* [V,PM,20]; ~ *му пи́ш'и инá кни́га ч'урбаџ'ија на Аркудýт' и му пи́ш'и н'éтр'ѧ...* [MS,t,17]; ~ *дă ти пи́ши дýмăтă, как вр'ăвиш* **[ПсС(З),64]**; ~ *ја з'é идúн кихајá (ч'élингáта) за графéа, за граматúк гу з'é; фáти да пи́ш'и на кúхајáта, фáти да му бир'é исá-*

п'а [MS,t,68]; ~ *му вили́: "зна́ш' да пи́ш'иш'?" "зна́м!" – вили́* [MS,t,-68]; ~ *ја з'е́ва нас кни́га Анг'елус Кири́ју, му ракч'е́хнува, му пи́ш'и, ина́ дру́га кни́га му да́ва* [MS,t,17]; ~ *пи́ш'ам сăс мела́н', сăс мо́лив* (= пишувам со мастило, со молив); и: **писа** ~ *тјанака седнала, писала едно писмо на татка и́ така: "тате мој, царју, три керки си имал, трите причуени по сичката земја: двете от умот да ги извадиш"* [V,PM,63]; ~ *Исус пак сă навиде́ до́ло, да су прăстут си пи́саши на зе́мнјата. Ка си чика́ле ви́ки шо му пи́таа на не́гу, си застана́* (пишува 'растана́' – евидентно дека се работи за печатна грешка) *про́стум, и ричé на ни́х: Кój ут ва́с не́ма гре́х, то́а не́ка фăрли ка́мин на́при наврạс не́а* [MV,K,316]; **2.** 'се чита (може да се прочита)' ~ *виде́ на чешма́та да пи́ши едно́ пи́смо така́: "кój не́ ки пи́ị от та́ја во́да еди́н та́с, мăж не си бро́и, от же́на по-олча́к ị̇е!"* [V,PM,122]; ~ *И мо́мта има́ла-си пуртре́т, о́ште ка́ е-би́ла мо́ма уфба́штината кăшта – сăшто куту́ ка́ е-би́ла. Ту́рăт-гу пуртре́тут фуфкăма́рта и пи́ше нă че́шмата: кój ки до́јде миштури́ја, ки-пи́е, ки-ја́де, па́ри не́ма дă-се-зе́ме* [BK,283]; ~ *жената кату ја чисти харно кокошта, кога гленда гол'амото дете, на кокошкината глава пишиши, ча кој за ја јаде главата, цар ки си чини* [V,PM,231]; ~ *гу заклáл'е и не́го – три́јздéвит – и то́а де́тто де́к стуја́ло, пукна́ло (ґа́вулут би́ше то́а) – чти́рсăт. То́а, шо пиша́ло на гла́ăвта: "уд ва́а гла́ва чти́рсăт ду́ши ки зăг'и́нăт" – загина́ле* [ИГ,112]; ~ *сид'ă ина́ фо́тографи́ја и з'е́ и до́ји думá, сă разбул'á ут нузи́ кајмо́ ... пи́ш'и ysа́т' фо́тографи́јата* [MS,t,9]; ~ *којна му е дошал, мале,[него си гу нема![на којна на седло, мале,[книга бела книга,[јуф книга си пише, мале:[Руша нек се ма̄же,[Руша нек се ма̄же, мале,[мен ним да ме чеке* [ТГ,38]; ~ *цáр'у ви́д'ạ та́му, ш'ту пи́ш'и на кино́тита́та кла́јạнц, гу пи́та визи́рину: "то́с кла́јạнц заш'то́ крӑф тич'е́?"* [MS,t39] – испуштен е предлогот **од**: **то́с кла́јạнц** наместо 'од то́с кла́јạнц'; **3.** 'заведе, стави во некој список' ~ *н'ă зака́раха дур у Сулу́н на ту́мбата, там н'ă пи́саха пак аш'ке́р'ạ* [MS,t,2]; [MS,s,83]; (= нè запишаа, нè повикаа повторно во војска) [MS,-s,83]; ~ *пе́дăсăт сă пиша́х то́ѓи; ко́лко, ца́л ве́к сум извăрве́ла, ич не́ зна́м. Уф Со́лун, ја́, куту са́а, зăу́мина, сè са́ма* [ИГ,121]; **4.** 'претстави' ~ *и пак третиј пăнт отиде мајка му, ја проси момата от царјут. И царјут рекла на неа: "пот да му кажиш на сано ти, да си пиши иманиту и стоката: ако има колко мојта, тогас веки за му ја дам момата!"* [V,PM,197]; **5.** изр.: **ако го видиш, да го пишиш** (= никогаш веќе нема да го видиш) ~ *хизмиќарот, кату не имал пари да плати на ханот, зева конʼут и му вели на ханџиата, ча за пој по чаршиата, да тера детенто, и ханџиата поверова и гу остави. Хизмиќарот, кату излезе вунка от ханот, ошти еднош ако го видиш, да го пишиш* [V,PM,238]; **пишат кăсметјут** (наречниците) = ја одредуваат судбината ~ *онова́ ве́чер на́ сиромáхо жената му роди́ла едно́ мо́мче, и на́речниците дојдо́ха та му пи́шат кăсме́тјут* [V,PM,145];~ *дојде време, родила едно дете, името му туриха Мајдон. На трите дни дој-*

доха наречниците, да му пишат кăсметут [V,PM,73].

пи́шин* adj 'заведен, зарегистриран' ~ *трýјца сúна úмахме. И, дујдé рéт, áјде стáрјо, свéкуро ги-рăздилú, убувúна кăквó. Му-купú нúви уд-Рáдуво, нúви му купú и ут-тýка, му-рăздилú. Пу-двáјсе дéкара нúви му-ддé. Нă-нáс супрé, е-пă úма и мăсрáф, óсум дéкара супрéме на ст рте. Ама тирáа грóбнина, árно áма тáтку-мо си-нăпрăвú пóтпис, си-чинú, óти врăс-тóо дéте сă-пúшини нú·вте. Já кóлко умрăзúј, сјáа нéјкат дă-сă-вúит* [ПК,2(Ид-286)].

пишúн adv 'прво, на самиот почеток (порано во споредба со нешто друго)' ~ *и кăто шо се цепат војте шо испагјат ут Обăр пишин на две реки* [МЕ(Р),78]; ~ *оти он имаше нает пишин да ода на идно руско село кăд иден му другар* [МЕ(Р),67]; ~ *ут дека пу тро зафајкјат да завăртуват пишин на југ, напкум југ и угри- слăнца* [МЕ(Р),70]; ~ *пишúн ќи дóăт линáрќи, двăнáјсăт жéни (армасáрќи) пу мăлéчќут нишáн. Дéсит дýши армасáре; свéкурут, дéвирут, ќи дунéсăт алтăјне, пăпýци, купринин кăврăк, шăмúа, кóлба, сéнка, спăлéто* [ИГ,116]; ~ *мă зăстăнáа нă врáтта уф мóмчто, испăднá свéкурут и свăкăрвăта, ми дăдéа едúн лéп прăд мéне, мă прăчикáа сус лéп, му сă зăклăјнáх трú пăта, им бăкнáх пишúн на нúх рăка* [ИГ,117]; ~ *и му рече: "зашто кăде се·смеиш и там плачиш?" – и царско бостанџијче му кажа: "ќи ти питам јаз пишин да ми кажиш и напкум јаз ќи ти кажам"* [МС(В),94]; ~ *т'á му р'éч'и: "ми сă в'ăсаш', да ид'éми пиш'úн, да пијéми, ат с'éтн'ạ ц'ál в'éч'ар сă тóја!"* [MS,t,68]; сп. во Речникот од Зборникот на Верковиќ: **пешин** 'аванс' [V,P M,376].

пишкóта f 'вид бисквит' ~ *нúа сипрáвăхме дóма сáми пишкóти, óни сă куту пạндуспáн, сáмо ќи-клáјш трú-штúри лăжúци брáшно пóвиќе* [ПК,2(85)].

пишкул'áк m 'навредлив збор, мрсолко' [ПК,2(85)].

пишмáне (са) impf (pf) **1.** 'се повраќа, не го прифаќа она што пред тоа го уговорил, односно го замислил' ~ *пападúјката му вéли: "да гу изгóними!" – "Да гу изгóними, ама фáша царвýли ки ми извáди от гăрбо. Тýку áди на тéшки рабóти да гу тýрими, он да си пишмáни и да побéгни!"* [V,PM,127]; ~ *и-óн без дă-пúте нúшто, прăко-нúх пумúне, зéме óјгин и-óде ду-ăдно мéсто. Арноама, пóсле са-пишманúл, ричéл: "Зăшó гу-зăмáх арáм тó· óјгин, зăшó né-ј питáх дáли ку-ми-гудáдăт?" Пák сă-вăрне кăде-нúх и-им-вúкне* [ПД,168] – присуство на презент од перфективни глаголи: **пák сă-вăрне кăде-нúх и-им-вúкне** (наместо: 'пák сă-вăрнýве, вăрúне кăде-нúх и-им-викнýве'); **2.** изр.: **пишман са чини** (= се предомисли, се откажа) ~ *Лил'ана за рăка ја фашке,[и што си веле ем гуворе:["Попуве, млади ѓакуве,[си убрнајте друѓут лист,[куту за винчајне младенци,[оти бах умрин – јуживех,[пишман се чиних не јотидех* [ТГ,214]; ~ *кадúата фатú да вúка: "пáпсај, вéки немój свúриш!" И тójнака му вéли: "é кадúа, јáзе кајдúата дурдé né исвăршем, né пáпсувам!" Такá и кадúата пишмáн са чинú от свúрката* [V,PM,127]; исто: **пиш'мáн за стáни** ~ *вúкаш'и: "кутрú за в'éни ут тáс лăскавáта прăс пиш'мáн за*

стáни и кутрú н'éма да в'éни и нóс пиш'мáн за стáни"! [MS,s,83] – во извадокот имаме присуство на лексичкиот архаизам **кутрú** 'кој', сп. во рускиот јазик; ~ *и тăj отиде на воденицата при негов побратим, при младата самовила, и ја вели: "Ej побратими! Мja пусна на партал мајка, ама млогу пешман станах, што не зех алтини и сребро, што ми даваши. Земах тасот, и, кату идех на пăнтjут, гу удрих от земjата, гу разбих* [V,PM,277]; ~ *и пишмáн стáнал и тăргнал дă-гo-бáрă. И, шетájки гo-нáшал дo-дăрвoтo мăртăф* [ЛС(К),116]; сп. **пишмáн сă-чинúл шо сă-рудúл** (= се кажува за многу флегматичен човек) ~ *нóго мăрзăлúф, о-мăрзе шо óде, а нé пă дă-рăбóте* [ПК2(188)].

пишманлăк m 'откажување' ~ *ама дă-знájш пишмăнлăк дă-нéма* [ПК-,2(86)].

пиш'ник* m 1.'леб печен во фурна **(пéш'т)'** ~ *вúкат пиш'нúциту ут н'éтр'ă ут пиш'тá: "jáла, хýбава мóма, да н'ă звáдиш', заш'тó за згурúми!"* [MS,t,63]; ~ *му вéли на човéко: "é, што сáкаш сегá да ти дадé кутúата?" И тój му велú: "сáкам л'áп!" Тогáс дjáволат гá чукнá сóс прăчката еднóч и га вéли: "úзвади, кутúа л'áп!" И кутúата извадú две-трú пишнúка л'áп* [V,PM,148]; 2. 'вид тестенина од пченкарно брашно' [MS,s,83]; Ј. Иванов со истиот корен го поврзува и топонимот **Пишниковици** (ниви во реонот на Орјаховец, Серско) [ЈИ,Им...,173]; сп. 'пешт'.

пúш-пúш interj 'извик за терање мачки' [ПД(126].

пишталка f 'играчка со која свират децата' ~ *Дăштарчинката, като погол'ама, скрила паритjа, ... и тă такмила сичкитjа потрăби на кăштăтă... Синчато кога попорăснало, пак го питала: "Да си имаш, брача, пари, што кý си купиш?" – "Пиштáлка и пушка, сăстричко"* [V,PM,-291].

пиш'тóф (и: **пиштох**, односно **пиштол**) m 1. 'механизам за пукање со мали куршуми, пиштол' ~ *с'éтн'ă ут мрăва вр'ăм'ă ш'ту царýваш'и óш'ти изл'ázи иднó михáнима пиш'тóф* [MS,t,39]; ~ *и си опашú сóс пиштóха и пýшки* [V,PM,111]; ~ *и што си веле младо jабанџијче пијано:["Седи сус здраве, тенка Малишовка jубава!"[и што му веле тенка Малишовка jубава:["Оди сус здраве, море, лудо младо, пијано,[оди сус здраве, море, лудо младо, без пиштоле!"* [ТГ,156]; *Дéтто му-вéле: "Jác рăбóта пáлăм". – "Арно, élăj! Кúи-сă-пăзáриме. Кóлку пáри сáкăш нă-гудúнта?" Тúа си-рéкле: "А, нéма дă-сióде, нáшо дéте кúи-бúде". Кóа дóшăл нă-дéсет гудúни си-купýва идну-пúштул* [ДК,127]; ~ *úмăше трú партизájне тáм, гу свалúја ут-кубúлта сăмáрут, гу скинáја ... извадúја трú пúштоли, ги клăдéја у-сăмáрут и трú книги и ми ричéја: вjájни-а кубúлта сéга óди у Бúзуву. Кá–кúóдиш ду-Бúзуву адин-стáп пукубúлта дă-и-зăмúниш Гăрцте* [БМ(Сар),204]; 2. изр.: **гóл пиштóл** (= тој што нема материјални добра, бедник) ~ *мójта нýка тăкá сă мăжú зă адúн гóл пиштóл, сúн ми цéл живóт ги ráне, ги тăгăрéсуве* [ПК-,2(157)]; **стáна пиш'тóут** 'кога пенисот има ерекција' ~ *ни муж'á да трапú, сă надý, стáна пиш'тóут ('пúлката') и сă прузвáла ('сă устрамутú')* [MS,t,78].

пишýва impf, в. **пиш'и** ~ *л'у приближиха крај нас касаба, фати Зарзавил*

пишува една книга на татко му да знај, как син му иди [V,PM,156]; ~ *на писмóто пишýва: "Твá д'áти шо-ќи-дójди, квá-ќи-си врáта да-го-погýбити". Да-го-погýбити детéто, пúши на-жéна-му. Тój сéа го-тéкнало óти имáнито да-му-јáди, нáли нáрешни́цити го-рéкоа твá* [ЛС(К),-108] – во контекстот имаме употреба на номинативната заменска форма **тој** наместо дативната 'нему', исто така кратката форма за директен предмет **го** наместо дативната 'му': **Тój сéа го-тéкнало óти имáнито да-му-јáди (место 'нему сега му текнало...')**.

пишýги pl 1. 'клобурци, меури што се подигаат кога врне дожд'; 2. fig. 'за некој што се држи многу надмено' ~ *ká сé-j надýл алúс пишýга* **[ПК,2(86)]**.

пиш'ќýн'* m 1.'патос пред фурната на кој се остава лебот (пред или по печењето)' ~ *имáш'и ина́ пé-ч'ина гъ́ска ут вънк на пиш'ќýн'у* [MS,t,56]; **2.**'покренат, дрвен дел, испуштен напред пред дуќан или продавница' [MS,s,83]; ~ *и дикáнто úмаа пишќýне; съ́-спýштаа дъ́-съ́-зътвóрат ýбуво, а ут крáјта úмше дъ́ска дъ́-мójш си-сéдниш* **[ПК,2(85)]**.

џју interj 'повик, подржување на звукот што го испушта орелот' (во случајот кога бара вода) ~ *детто зготвило месото и водата, и качило връ́з оралут, и оно са качило. Одешчими са, кáде викнувал оралут "га", му давал месо, кáде – "њу" – вода* [V,PM,270].

Плавилата top. 'место покрај Крчово, Валовишко, таму пересле, прочистувале руда' [ЛИ,Им...,174], сп. гл. **плáве** 'испира алишта по перењето со сапун' (во источните говори).

плáве impf 'се движи во вода со мавтање на рацете и нозете, плива' [MS,s,84]; и: **плúви** ~ *дојдé дрýг едúн човéк, гу здигнá от гимúата душмáнинот и гу удрú нéтри аф морéту: и кáту нéмаши дъ́ската сос нéгу да плúви, си одавú аф водáта* [V,PM,24]; ~ *тојнака киниса да иди пу морету, мајка му на дома са вър́на. Он как плаваши на морету, гу беши фъ́рлил аф една ада на сухо, наедно сос копанката* [V,PM,89] – проширена употреба на предлогот **на: пливаши на морету** место 'во морето'.

пл'áвн'а (и: **пл'áмн'а**) f 'помошна просторија во која се чува храна за стоката, плевна' ~ *гу з'éва нóс кýцур, съ́ затфáра у ина́ плáвн'а н'éтр'а и фáш'та да рáбути* [MS,t,20]; ~ *за ха сúгнат у пл'ъ́мн'ата, за тýрнат пл'авáта, зъ́са врънат на враш'úлуту* [MS,t,67]; ~ *и-тój знáј да-лъ́жи и-тój. Едúн в'áтар дýе, стигнýват до-една пл'áмна, штáла, шó-е бúло, растýрана. Знáчи мóжи да-се-склóни н'ákој. "Já, тýк ќе-вл'ázими", вúка Насрадúн* [ЛС(К),130]; ~ *и тја си разедила, да отиде вънка от селото, на една пл'амн'а да спии. Ја запали пл'амн'ата, ја згорја. Утрината га глендат сел'аниту коџабашиовата пл'амн'а са изгорјала* [V,PM,209]; и: **плéмна** ~ *уднъ́тре имáја: тримój, удáј, чъ́рдáци, мутлáци, ќирáли, мусáндри и дулáпи. А уднáдруф: гулéми двурój, ъ́рój, пујáти, кучúни, плéмни и гулéми ъ́мбáри* [ДК,154]; ~ *Мустъ́фá му-рéкъ́л: "Аирлúа нéка-ти-е, нóгу дъ́-ти-жúве, áма úмај нъ́-пáмет: мъ́лáчкъ́та ти-ъ́-прудáду, ъ́ плéмнúта, áмбъ́ру и Имúн нé-ти-прудáду"* [Д-К,154].

пладн'é pf 'се одмори по ручекот', v. **пладнувье** ~ *на прójма за пýсна óлувéту да пладн'áт* [MS,t65]; ~ *и*

га дојдеха до стредја пăтјут на една ливадја, изл'азоха тамо да пладн'ат. Тогај дјадото му вели на дјатенто: "е сега, сину, што сакаш – дали нивјастата ки земиш, или 40 товари алтуни?" [V,PM,174]; ~ *"Чин ми са, Боже, бọсил'ák,[чин ми са гóрạ зелéнạ!"[Кạк сạ дạвójкạ молúлạ,[тăj ми бọсил'ák нарáснал,[пọд нéго óфци плáднạхạ,[пọд нéгọ л'ýди седăхạ* [ПсС(З),71]; ~ *утринта фатил пак работата му, да паси овците. Един ден отиде на полету отдол еден брјаст, да ги пладни овците, и тој легна да спии. И на сонот дојде еден голуб да му вели: "е, да знаиш тука, што лежиш, отдол тебе шо има?"* [V,PM,170].

пла́дне n 'средина на денот', в. **пладнина** ~ *Ка́ бигáме ли? Пáсăхме ниспóл'то. Гăрцте уз-дóл ка́ нăстăпваа, сă-глéјше бил' ка́ úдаа. Нúạ фăтúме дă-бéгме, а пă уд-дóл адни́ бýгарски вујнúци тáм нă Гăрдúштто нáше, нăт-сéлто прăпукáа. Тăмáм нúạ дукăрáме нă-плáдне мúските нạ-плăднúштто кулу двăнájс сáато, глéдме кóл'те тувáрни* [ПК,2(Пос–290)].

пла́днина f 1. 'времето околу ручек, кога сонцето е највисоко, пладне' ~ *И, ут-Кýкуш нúạ цéла вéчăр пăтувáме. Сăбáјл'то... адна жéна мăлéчко дéте нóсе уф-рăцте и, гу-турú пут-пăто ду-áдни тăрне... óна бéге нă-гóре. Аа-а, устăвú-го дéтто, прăд нáс, нă-дéне нă-плáднина и, бéге* [ПК,2-(Пос–222)]; ~ *уф-гулáчкăта курúй, скрúшно, ни нă-адúн гулчáниц дă-нé кáже, двајсе и шéс дéна нăглидá тáмă. Вéчăр ки-ни-дунéсе лéп, сăбáле пá ки-дójде. Адна́ дéн вúке, плáднина бúше: "Ајде, ричé, вáдăн гáре мúните"* [ПД,173]; **2.** 'ручек' [MS,s,84]; – кога сонцето ќе се искачи пет до шест *устена* или *куприли*, тогаш е време за *рачок* или *пладнина*. Работниците во тоа време ручаат, а потоа малку подолго одмараат' [ТГ,10]; **3.** 'одмор попладневен' ~ *рáнуту пасúх улóити кóлку двá сахáти, сéтн'и спригнáх, урáх, испучинувáх, ми-са-пријáди, запрéх улóиту сиднáх, си-најáдух, пák урáх, сéтн'и г'и пустúх улóиту на-плáднина* [ВБ(Нег),339].

пладнуве impf 'одмара на пладне (под сенка)'; сп. – местото каде што пасат овците и каде што има направено чардак да **пладнуваат** овците, каде што ги молзат и млекото го подсируват, односно каде што овчарите одмараат се вика **бачило** или **мандра** [ТГ,376]; ~ *тáм плăднувáме. Жéшко, óгин, сă-вúке, гóре. Адна жéна мăлéчко дéте нóсе уф-рăцте* [ПК,2(Пос–290)]; ~ *И ка́ дујдéме уф-Кýкуш, видéхме нóго вујнúци. Рáнини, нóсат сус-кóли. Сáмо вујнúци рáнни рăзнóсувăт гáаре. И, ут-Кýкуш нúạ цéла вéчăр пăтувáме. Сăбáјл'то уф-Алéксуво усăмнáме. И тáм плăднувáме* [ПК,2(Пос–290)]; ~ *Нúạ уттáм сăбáлинто фăнáме Пупóво. А дно сéло Пупóво, а тăкá-ј, нис-стрéт нéго зăминáме. Тáм áдни гулéми брéстуве úма, тáа крáј. Já óште сă-глéет тáм уд-Дójрăн. Чéшма тáм, пá сă-плăднувáме. На длăгуто удéне трéба дă-плăднýвиш. Плăднувáме тáм, ка́ сă-залăдú, вéчăр тăргнáме тýка на-кăде Билáхца-ј тăвá, Пурój дéка-ј* [ПК(Пос–290)].

плајкја* impf 'дава пари или друга вредност за нешто што купил или добил' ~ *тука има мос и за пуминувајнто преко него не плајкјат сăл пишаците* [МЕ(Р),72]; ~ *субăштă гу плајкăт бегут и јăрăмцијте: две килă житу и 1 ичумен* [МЕ(Р),87].

плáјна f в. **плáднина** ~ *си дóјди ч'урба-ц'ýјата на плáјна, ја пúта ж'ината-му* ... [MS,t,18].

плак m 1. 'кога некој, најчесто од болка или навреда, испушта солзи, плачење' ~ *дéтто ќи-си-уздăрвéе куту нúшто, тú ќи си устáниш ус-плáко* [ПК,2(195)]; ~ *нéјкум плáк уф-кăшти, дă-знáјш* [ПК,2(86)]; и: **плач:** ~ *да му вéли на нéгу: Пријáтил, кáк си дујдé тýка, шо немáл си рýба за сфáдба? Па óн му падná тéшку. Тóга ричé цáрот на измитчúити: Варзájти на вóа... и извадéјте тáму шó-ј плáч и трисéнуто зăбите* – [MV(K),270]; ~ *му дадé едúн хáрин кóн и парú бéз брój и дрýги дáрови, и сос млóгу плáч гу úспрати* [V,PM,25]; **2.** изр. плáко **мо-ј нáно́со** (= се кажува за дете што лесно, за ситници се расплакува) **[ПК,2(188)].**

плáка (в: плáче) impf **1.** 'гласна реакција пропратена со леење солзи на човек што доживеал некаква несреќа или неправда' – ако плаче некое дете за да го смири мајка му ќе му зборне: ~ *"Ја го дедо Бужúк иде. – Ако не молчиш, ка ки чује оти плаќиш, ки са нал'уте и не ти дунесуве ништо!"* [ТГ,84]; ~ *још-те глăтнувајќи и душа си даде,[ej што си ли веле, Стујан, млади Стујан:["Мале, мила мале, ти стара душманке,[сама што ќи плаќе невестина мајка,[сама што ќи плаќе, и ти с неја плаќи!"* [ТГ,99]; – на крштевката кога го даруваат детето, кога оставаат по некоја пара покрај перницата ќе речат: ~ *Ајде, гулемо да пурасне, братче (или сестричка) да си купе;* ако детето молче ќе продолжат: *гледиш ли гу, укубетут нијединн! Сè разберуве, па види ка молче за пари!*, ако пак плаче: *бре, бре, бре, ки се каже дека е! И оти бил јунак, па знајал да плаќе. Ох, ох! Грубутија нијадна! – Укубет и грубутија* – така викаат за да не го "урочат" [ТГ,116]; ~ *тáка ишмé кă спáле, кă плăкáле и двýјцта, тóа дéтто кă плăкáл, сăлзите ут óчте прăку пéрницта ду душéгут прăтунúле* [ИГ,112]; ~ *донсéха тија пет души, сè малки от 13 години; как почнали да плакат на кунакут* [MC(B)75]. Во контекстот што следува е регистрирана интересна форма за 2 л. мн. импер.: **плакасте м. 'плачете'** ~ *ним плакасте, лăжа е, одејте на селото, ва не верувам да е истина* [MC(B),80]; **2.** – **(се)** 'се жали' ~ *пo-пăтут кoгă-гу-стигнá вóлкут и-фăтú лесúцăта дă-му-се-плáка нă-вóл- кут и му-вúка: "Ах, кумо-вóлче, глáвăта ми-ă-скăрший вудинича- рут, ми-истичé мóзукут"* [BM(Cap),316].

плáка f **1.** 'дел од плугот што ја отфрла земјата кога се ора'; **2.** 'училишна табличка што ја користеле учениците во минатото' [MS,s,28].

плáкани (и: **плáч'ини**) n **1.** 'чинот кога болката, односно тагата се изразува низ леење солзи – плачење', в. **плак** [MS,s,84]; ~ *детету, кату гу загуби кадроту, фати да плачи и сос плакани отиде дома, вели на Цăрнодреха: "ах, жену, на меника млогу јазăк са чини, си гу загубих кадроту!"* [V,PM,52]; ~ *вéл'ам на вáс шо уф Анадóлот и уфдéка заóги слăнцито нóго лýди ки дујдéле и ки си намéстат... ки си хóдат на тéмно надворéшн'ото, тáмо шо и плакáнито и шо си кăрцат зăбите* [MV-(K),265]; **2.** 'жалење' ~ *лешúцата фатú да си плáчи нóгите и: "óх, носúнки, носúнки за плáкани, глáва*

за тро́шени! Та́тко ми не бе́ши кадúа да́ са̏ди, ја́зе што́ са́ках кадúа да си чúнам и да са̏ндја човéк и змúа?" [V,PM,139].

плакéнда f 'пита од пченично брашно'; сп. **кра́ш'ник**, односно **то́ч'ину** [MS,s,84].

плакне impf 1. 'кога нешто (алишта или др.) се испира со чиста вода, пр. по перењето со сапун' ~ *трăгнаха, отидоха на гората да ловјат. Пак он, што си плакн'аши устата сос една река, кату Струма, седна на една место да готви* [V,PM,234]– сп. нерегуларност во родот: **на една место**; 2. изр. **си-ј пла́кне о́чте** (иронично: кога некој се загледува во убава девојка) [ПК,2(194)].

плакусува impf 1. **'опфаќа, покрива'** ~ *уздолу уд него се зафајќја идно толку гулему поле шо гу плакусува сăто место мегју Солун, Бер, Негуш* [ME(P),70]; 2. 'потиснува' [ME(P)-,174].

пла́мин (< **пла́мен** – со редукција на неакцентираното **е** во **и**) m 1.'црвени, огнени јазици што се креваат од силен, разгорен оган' [MS,s,84]; ~ *кинисал оттамо чобанот, отиде неколко саати пăнт и, га гленда, отпрјат него си запали един силин вогин, пламин здига дур на небету* [V,PM,175]; ~ *и кату отúваа на пăтјут, Кира Мáргу нá цáрјут му вéли: "цáрју сва́ту, ја́зе понáпред ки си úдам, хазирлăк да чúнам. Вúа дéка ки вúдити сúн дúм, чéрни кáдови, царвéн плáмин, тáмо да дójдити!"* [V,PM,140]; ~ *едно-врéме пукнá идна бóмба. Су-пукájнто бóмбăта нúе видéмă плáмин са̏-дигнá, свéтло, и пучнáа пýшки, шмájзери да-пýкăт* [БМ(В),191]; 2. изр. **бгин и пла́мин е́j** (= се кажува за многу темпераментен карактер, пр. за дете што лесно се возбудува) [ПК,2(187)]; **пла́мин-ej** (= кога некој има висока температура) ~ *дéтто мé-j бóлно, плáмин-ej, úма нóго óгин* [ПК,2(188)].

план m 1.'нешто измислено, приготвено за реализација'; 2. изр.: **готве планува** (= размислува како да стори нешто – во случајот со негативна конотација) ~ *пу-еднá гудúна тáткуто пák сă-ужинúл. Уф-кăшчăта дунцéл млáда жéна. И óна гутвúла плáнуве кák да̏-ги-мăче дéцăта, óти сăкáла да̏-са̏-услубóде уд-нúх* [ВД,276)].

план m 'направа за стругање штици, поголем струг' [ДК,105]; во Кукушко: **пла́на** [ПК,2(86)].

пла́нинка f 1.'планинска куќичка' (рус. земляника лесная) [MS,s,84]; 2. dem. од 'планина' (во случајот: 'рид') ~ *и вó óде óшче пóдóлу. Нăóѓа двé брáвја, ... ăднó цăрну и ăднó бéлу. Е тó бúл – зă-цăрнутоák сă-фáтиш, демéк ќ-óјш óшче пóдóлу... сéде нăăнă-плăнúнка и сă-чýде шó дă-прáве, не-знăе дéка дă-фáте. Лéже тáм пуд-ăнă-сéнка* [ВВ(Кр),312].

Планúнца (и: **Планица**) top. 'име на село на северозапад од Кукуш' ~ *Планúнца, нáшто сéло бúше тýрско сéло; и кавýре и Тýрци, такá си живéахме. Дрýга вéра нéмше.Тýрцте бúă пóвќе, нúă бúме пó-мáлко. Нúа си-бúме н-ádна крáј, Тýрцте бúа н-ádна крáј. Утúвăхме ус-ѓунл'ýк дă-рăбóтме. Ими нă бéзи рăбóтахме. Нă-бéјсте* [ПК,2(250)].

планинцки adj 'она што се однесува на планина' ~ *сака оша да се кажа оти не сăлда така му са трача оти Постул ăј токму утдаличен ут ричејнјут планинцки шокал* [ME(P),71]; ~ *Уфчáрте гупричикáле, му-дáшле кóлку сáка дăсă-нăпúе бинúца и нă-крáју му-дáшле*

идну-гулéмо гъ́рне зъ́-дóма. Ама пъ́ту бúл плъ́нúнцки и дилéку и пустáнъл. Нóси-гу су-идна́ ръ́ка – пустънáла, нóси-гу су-дрýга ръ́ка и дрýгъта пустънáла [ДК,152]; ~ *и станáле, да гу извадúле вонка ут грáт, и гу носúле дýри на връ́фут планúнцкут, тáмо шо бúла нéгува грáт темилúсана, да гу субóрат ут тáмо дóло* [MV(K),325]; ~ *ристенцки селъ́ устънаа ногу малцъ́... съ́ нъогиа нъ́ по-долнъ́, по плънинцкъ́ земjъ́* [ME(P),84]; ~ *ми-кáквó бúше? Нú плънúнцкǫ, нú пóлцкǫ бúше сéлто Штéмница. ... нúвите му бúа кути нъ́-ритчúна тъ́кá, áма съ́-ръ́бóтаа* [ВК(Шт),288].

планѝчка f, bot. 'дива, шумска јаготка' [ПК,2(86)].

плáнна f 1. 'големо возвишение, тешко проодно' ~ *сéлто Штéмница... тъ́кá бúше кути-дójдъ́но, нúвите му бúа кути нъ́-ритчúна тъ́кá, áма съ́-ръ́бóтаа. Тумбáрки, тумбáрки сè... Дъ́-кáжум дъ́-бúше рáмно пóле, нé бúше. А пъ́-j плáнна дъ́-бéше, нé-бéше* [ВК(Шт),288]; ~ *Ама скъ́рáа-се Бугáрто ус-Гъ́рците за-Сóлун. Пучнáа вујнá. И Гъ́рците цéла дъ́ржáва кá пудбрá, пучнáа тúй тóпуве дъ́-пýкат уф-сéлта, запáл'уват сéдбите, жúтта. Кá пучнáа бý, бý-бý:. И тъ́вá пóл'то стънá, Сулýнцкото Пóле, кадéш цéло ... и нъ́рóт пу-тáа рéкта нъдóл, пу-Гáлик, цъ́рно станá, мрáфка. Бéгат. Сивúкме: ду-тáа плáнна к-ójме и пáк съ́-въ́рниме, Крýша, Каръдáк и викáме. И уддéме, дé-тýк, дé-тáм, дъ́-тá уф-Бугáрja, цéло сéло бигáхме, ус-фамúли:та... Кърáме, кърáме ду-Димúр Исáр, нъ́-мóсто, тáм нé пумúнуват дубúците. Мóс, тъ́квó, нъпрáвин на-лóтки. Ръ́стýрин мосто глáвин'о, на-лóтки нъпрáвин, тъ́ цъндáре тýрски тáм куту рóбе пумáгат, бýтат на-нъ́рóдо, дъ́ пръ́кáрът дубúците. Бýтат, е-ej, кó:збéрат дубúтко, мъ́гá:рто нé-óде, кó:-дúгнат нъ́-ръ́ци и бýтнат-гу нъ́ мóсто тáм. И пръ́кърáме мóсто тáм нúа и вójскъ́та. Бéге бугáрската вójска вúке, изгубúа вúке, мóж да-придържáват, ама тóпуве нéма бугáрски, устъ́вúли-ги на-Гъ́рците. Тáм лéп нъпрáвúи мájкте, испичéа. И кáжáа: Гъ́рците фтъ́сáли, нъ́ближúли гá:ре. Нъ́рóдо пá сúчко устáвú: вълóве, кójне. Удúме, удúме ду-Крéсна дéка-j. И-сá: пъ́то тéсин. Тáа лóша рéка-j тáм, клисýра. Пá мóра дъ́-бéгме пукрáj-дрýга стрáна, дъ́-бéгме плáнинта. Тó: пъ́т нъ́-мóж д-óдме, дéк óът кóлите. Кóл дукóла, пълно. Вójска, нъ́рóт съ́-зъ́бъ́ркáл гá:ре. А-бé, дéцта сjустъ́вúа чувéцте. Já тká нъ́-мóж до:-нóсе жéна, нéкуj вýjник гу-зéме, гу-тýр на-кójно, гу-кáре óн, нéкъ́де áк съ́-нá: пá к-ин-гу-дá:. Ръ́збулéл-се адна жéна, тáм, ду-нáс блúзу. Кá пумнáме Штéмница нъ́-гóре, гъ́устъ́вúли дéк лéже, нéм нúкуj крáj н'á:, избигáли. Тъ́квú ръ́бóти бúй тúй* [ПК,2(218)] – контекстот е широко даден бидејќи претставува потресно сведоштво за уништувањето на Кукуш и за маките низ кои поминале бегалците од Кукушко за време на Балканските војни (1913 г.), тоа е извадок од автентични сеќавања на информаторот Атанас Јанев, од с. Моравци. Во употреба е и нередуцираната форма: **планина*** ~ *инудъ́ульцúа су-тó дáулут дýмбъ́л шудýмбъ́л тáму, къ́-сфъ́ршъ́л, си-грéде. Си-грéде, нóшќа гу-фáтъ́л. Тó пъ́тут – нúкуj плънúни. Нóшќа устáнъ́л, áма въ́лци лéво-дéсно вújат.* [ДК,142]; ~ *тој тога увъ́рувал, разл'утил съ́ и ръ́кал на ъ́дъ́н си ратај, да jахнъ́ и нъ́jъ́, и закланото дъ́тъ́ на ъ́дъ́н кон, да ги заноси на ъ́днъ́ далъ́чнъ́ и пустъ́*

планинă [V,PM,291]; ~ *отиде дома и видел неговите жени да скокат голи, грабнал ножа и заклал всичките и напкун избегал на планината* [MC(B),72] – во текстот имаме употреба да сврзникот **да** со декларативно-интенсионално значење (наместо 'дека, оти'): **видел да скокат** м. 'видел дека скокат' – за ова в. во граматичкиот дел; **2.** 'шума' ~ *откáк си сắла рáн бǫсил'áк,[не си гǫ видắļа, вадúļа,[чинú ми са чéстą плąнúнą* [ПсС(З)74]; **3.** изрека: **планина што е планина, ако не се чува и она са разболʼуве** (порака: 'здравјето треба да се чува') [ТГ,247].

плáс m 'дел од ралото' [ПК,2(86)]; ~ *то: шó-j спујýве сúте дéлăве* (објаснување за називот **глăвúна**): **ýшо, пáличник, плáс** и **кимéр** [ПД,121].

пласан adj 'создаден' ~ *зелената да ја земиш на рăката и да идиш там, дека царицата е болна, три пăтја прачката на земја да удриш и да речеш: "Излези веки от-тамо, ер што да си пласан от Бога!" Тогас тој ке изл'ази кату л'ута змиа* [V,PM,275] – во контекстот е забележлива проширената употреба на предлогот **на** наместо 'во': **зелената да ја земиш на рăката;** исто така се забележува разлика во развојот на големата носовка, од една страна има *рăката*, а од друга *прачката* – возможно дека споменатава разлика зависи от тоа дали континуантот на носовката е под акцент или не е.

пласкун m, zool. Тоа е најситна риба во Дојранското Езеро. Ја ловат само за јадици (за мамец) [КД,59].

пласти pl 'волна приготвена за предење' – пред да ја предат волната, откако ќе ја извлачат, ќе ја сторат во вид на пласти. Од женските работи секоја девојка треба добро да знае: како *се ткаје,* како *се плетат чурапе,* како се прават *влăна пласти,* како *се везе, суќе, месе* [ТГ,267] – ова е дел од селското (домашно) стопанство во минатото, но во планинските населби, во намален обем, и денеска е актуелно.

пластó n 'вид тестенина од пченкарно брашно'; в. **пишни́к** [MS,s,84].

плата f **1.**'парична награда за работа во текот на месецот' ~ *стáрио зимýве пăрúте, а дéтто му-вéле нă-башчá-му: "Сéга ќ-óдиш дóма, к-им дáјш нă-мăсăчá-рто плáтта и к-им кáжиш: уд-ýтре нă-тăкá бăркáјте-си кăсмéт* [ПД,144]; **2.** 'плаќање' ~ *Уф-аднá стáја шéс фăмúли сéдăхме. Нóго нăрóт. Шéс кăшти сме сидéли, шéс фăмúли. На-Питрóвдин нéли бигáме и дујдé прóлит. Уф-Ѓурѓóвдин кăжáа: "Кój сáке д-óде уф-струмичка укóл'а, óти слубóдно-j димéк". И сăчинúме нúа, дујдéме тýка. Бес плáта, пáри нé ни-зимáа за-пăт. Такá нă-дунцéе, ус-кóли* [ПК,2-(Иц–283)].

плате (и: **платú***) pf 1'кога некој даде пари како замена за предмет што го добил, или за услуга што му е направена' ~ *идну-пăтник óдăл нă-гурбéт. Пу-пăту влéгăл у-иднă-ăшчúлница зă-дă-кăсне нúшчо, áма нимăл скăршена пáра. Пăрво г-упúтăл ăшчúăта дáли мóже дă-јáде нúшчо, áма кóга ќи-сă-вăрне уд-гурбéт дă-му-плáте* [ДК,155]; ~ *за псунúсаш' имáни ... и нузú имáни за в'éниш' за гу платúш' и за устáвиш' дипóж'иту парú* [MS,t,28]; ~ *да úзвад'а едно схéдио от кăштата, да му закáрам на брáта ми и да зéмам парúте от нéгу да ги плáт'а*

[V,PM,18]; ~ *симни се ле доло, млада чорбаџијке,[уд вишни дивани, акут да ми платиш,[... што сум ти рабутил* [ТГ,157]; ~ *"ни гл'едаш' наш'та рабута не дига ... ут триста драхми нагор'ą ни мога да ти плат'ą"* [MSt,26]; ~ *"сега да ида плат'а кадиата за кăштата парите"* [V,PM,19] – во текстот среќаваме изразување на неправ предмет без соодветен сигнал (дативна заменска форма, односно предлогот **на**): **да ида плат'а кадиата** м. 'да идам да му платам'; ~ *удгудина, ако бијме здрави и живи и него ки гу зем или ки гу пуштам (демек ки му платам пăтните арџови)* [МЕ(Р),...]; ~ *л'уґăто шо ги фатиш дă ти пумагăт нă гумнуто, они ки ти рăботăт, ти ки му платиш* [ПД(122)] – уште еден случај на перфективен презент: **л'уґăто шо ги фатиш** (м. '... шо ќе ги фатиш'); **2.** 'се одмазди за сторена неправда' ~ *ác ќи-му плáтум кóга-тóги;* ~ *аман тоги што си веле Попово Јуванче:["Ванѓелино – сајирџијко, моја верна л'убо,[земи моја остра сабја удри на ког сакиш!"[се излăжа Ванѓелина, удрила на него,[си удрила, Ванѓелино, али не го секла.[Што си веле ем гуворе Попово Јуванче:["Црна кучко, л'ута змијо, јазе ки ти платум!"* [ТГ,41] – во извадокот имаме уште еден случај на употреба на адверсативниот сврзник **али** наместо 'но, ама': **си удрила, Ванѓелино, али не го секла;** за ова в. во граматичкиот дел; **3.** 'врати' ~ *тогáс тój извадú, му плати и му вéли: "нá ти трúста хил'áди да плáтиш бóрџут"* [V,PM,15]; ~ *му вели: "добро пăт да ти даде Господ, синку! Това добро, што ми си чинил, јазе не мога да ти гу плат'а"* [V,PM,33]; ~ *отиде, от един увреин на заим пари земал, от един до петстотини гроша, за една година ваде, да му плати парите* [V,PM,192]; ~ *имáх з'éнту парú ут бáнката и ґýч'-белá да сă плáт'а* [MS,t,5]; ~ *гу пúта: "и ти си дójди, мój мăн'ч' д'é-ј?" "тфójу мăн'ч' умр'ă да јас ксудéпсах за тфójу мăн'ч' дв'ă хил'á:рки, да ми ги плáтиш'!"* [MS,t,46]; ~ *ка фатú да а вúка идéн пу идéн да а пúта, му дујдé идéн шо му длăжиши дéјсет илјáди грóшови. Чýнки нимáле да му и дáди, пувел'á цáрот да сă прăдáди, и на нéгу, и на жéна му, и дéцата му, и сè шо úмаши, и да си плáти бóрџот* [MV(K),268]; **4.** изр. **гóспо да му плáте** (клетва што обично ја искажува оној што од една или др. причина не може да врати за нанесена навреда, неправда и сл.) [ПК(Гăр)].

плат'ён* adj **1.** 'кога за предметот што го добил има дадено пари' ~ *тój и вилú: "н'éка ја прóвал'ą, јáс ја úмам плат'éну!"* [MS,t,69]; **2. 'кога за она што го сработил има добиено пари'** ~ *такá сă máат мájстурто шо сă нă дéн плáтни* (зн. 'не работат доволно') [ПК,2(159)]; **3.** 'кога на некого ќе му бидат простени греовите' ~ *му вилú: "ти да пóш' на идúн распăнт' да с'ăш' бустаннăк ... за с'ăш' и три глáвн'ą на-пóпуку, кугá за вúдиш' да пýснат дáлуви, тугáс да знáш' , ч'ą ти сă плат'éни гр'ă-хувéту!"* [MS,t,43].

платица f, zool. – риба слична на крапот, се разликува по тоа дека е повеќе плоската, а и по должината, која достигнува и до 40 см. Нејзината тежина достига до 2 оки (околу 2,5 кгр.). Бојата на грбот и е малку маслинеста, а од страните и по стомакот сребрена.

Ја ловат најмногу и во големи количини преку зимата и пролетта, кога ги фрла икрите. Во друго време многу малку се лови. Се извезува на други пазари, а овде (во Дојран) не се цени многу [КД,59]. Со истото име во Пазарско се именува некој друг вид 'риба – ситна' ~ *ут ногуту турлиј риби шо-ј има ув блатту ки-ј речиме вија: сом, јăнгулjă,... гуџар, платица* [МЕ(Р),77]; во Дојран има одделна мрежа со која ловат риби **плăтици** и **крапуве**, долга е околу 50 м., широка 3 м., се поставува ноќно време [ПД(128].

пла́тно n 1. 'материја, ткаена' ~ *и така́ ут ко́л на ко́л ... бити́сува пла́тнуту сну́ван'е́ту* [MS,t,7]; ~ *зăтка́лă нивéстăтă, ка́ ă-нăучи́л де́уту и că-чу́де, ко́лку ле́сну и спо́рну că-тка́е пла́тнуту? Зăигра́лă сува́л'кăтă у-ра́цту нă-мла́дăтă же́нă, и ниште́лките зăпија́ле* [ВВ,310]; ~ *с'а́ и́ш'тими да гу уд'а́ними пла́тнуту* [MS,t,7]; ~ *с'е́тн'ạ о́снувáта ја бирáт ... ја врăзуват у ина́ та́лва и и́дат да гу навиjат пла́тнуту* [MS,t,7]; ~ *на шо ќи гу зăви́jши кро́сно́то –* **зăвăрта́л'ка** (се вика). *Пạ кă ќисвăрше пла́тно́то că ве́ле прăвăрзăвум* [ИГ,121]; ~ *гол'а́мата ре́чи: "а́ко мо́жи дá гу покри́j кона́ќут со́с едно́ пла́тно и па́к пла́тното да гу избе́ри а́ф една́ л'а́шка не́три, и па́к а́ко мо́жи да чи́ни еди́н калдăрăм от не́гов кона́к ду́р на́ на́шот от карагро́ши, тогáс ки гу зе́мам"* [V,PM,131]; **2.** 'тенка плосната материја од нешто (во случајот од железо)' ~ *Ту́рците прăви́ја специjа́лни ло́тки, специjа́лни ло́тки су-укре́плени жиле́за тăка́, на́прет пу-двуи́ца дă-чи́нăт и ут-стра́ните тăка́, тăкви́ја, пла́тна жиле́зни шо́ не-мо́же дă-и-прибие́ куршу́м, ọсигу́рăни зă-дă-ă-у́дрăт кули́бăта* [ВЕв,297]; **3.** изр.: **прăс пла́тно до-ви́дум** (клетва: 'мртов да го видам') ~ **о́н о-глида́л те́јко! Прăс пла́тно до-ви́дум** (= мртовците редовно ги покриваат со платно) [ПК,2(189)]; **нă-то́о рăзбо́j не́мум пла́тно** (= со таа работа не се занимавам) [ПК,-2(186)].

плах m 'чувство на страв' ~ *ве́леши: Ко́j ми а фати́ ру́бата ми? И му ве́леа на не́гу Учени́ците: Гле́даш инса́нут шо ти ти́скат, да ве́лиш: ко́j ми фати́? И приглиднуаши да а ви́ди на же́ната шо му а фати́ла. И же́ната си уплаши́, си стре́сиши, ни́какфа că чини́ла ут пла́х* [MV(K),324].

плаче (и: **плачи**)*, в. **плака** 1.'испушта солзи од тага (поретко од радост)' ~ *кинисаха на пăтот; там, дека că смеише, там плачеше* [МС(В),94]; ~ *и с'е́стра-му иди́н д'е́н' с'е́дн'а на врăх глава́та-му, пла́ч'иш'и и идна́ слăза́ му ка́пна* [MS,t,51]... ~ *кугá ја ви́д'ạ фо́тографи́јата да ја пригăрна, фáти да пла́ч'и* [MS,t 25]; ~ *га ве́ли: "ку́ни си, диво́јко, немо́j пла́чиш, немо́j ти е стрáх, ди́лма jáзе ту́ка си на́jдох!"* [V,PM,135]; ~ *тăкат, пла́ч'ат, рискани́ци дáват сăс балта́ци, ч'у́кат, ж'е́л'ạзу jáкуj, că ни утфáра хич'* [MS,t,54]; ~ *нив'ăстата мло́гу că устрамоти́, ути́ди у дума́ и пла́ч'иш'и* [MS,t,68]; ~ *ох, а́м дéка отиде онова́ рáдос от они́а мо́ми? Они фати́ха да пла́чат, ча ги бе́ши стрáх, цáр'ут да не ги расипи* [V,PM,10]; ~ *фати́ла т'а́нака да пла́чи, да ви́ка, не́ќáши да гу остáви мăжо́ и́* [V,PM,31]; **2.** 'кога гранка на лоза е

отсечена и оттаму пушта сок како солзи' ~ *но́го пла́че о́дринта о́ти до́цкина гӑ-рижа́хме* [ПК(Гӑр)].

пла́ч'ини* n 'кога некој низ солзи ја изразува својата мака' ~ *и гу фа́тат, гу кла́ват хапӑс и н'е́гу и то́ј хи́ч' ни па́псува пла́ч'ин'е́ту у апсана́та* [MS,t,25]... *то́ј ут пла́ч'ини ни мо́ж'и да ка́ж'и* [MS,t,25]; сп. **пла́кани**.

пла́ч'иш'т'е́м adv – архаична форма за гл. прилог 'плачејќи' ~ *"да ми дад'е́ш' идно́ о́ку да така́ да ти гу ко́вам ко́н'у" т'а са̨ вӑрна пла́ч'иш'те́м дума́* [MS,t,52]; ~ *и кату отиваши дјатету плачиштем на пътју, гу стрјати царјут, му вели: "што плачиш, дјате!"* [V,PM,101]; ~ *ма́ксус гу фӑрли́ врит'е́нуту у буна́р', до́јди и т'а́ пла́ч'иш'т'е́м на ма́јка-и* [MS,t,63]; ~ *на́ј-се́тни по́повата гла́ва га изва́ди, га зему́ва папади́јката плачиште́м, ја закара́ на до́ма* [V,PM,125]; ~ *му ве́ли: "ej ти́нака, што ми докара́ перо́то и пи́лето, са́кам да ми дока́раш на пи́лето господа́рката дјун'а́-ѓузели́, и́ли ки ти га зе́мам гла́вата ти!" Ца́рјут му да́ди три́ де́на мјухле́т, и то́јнака па́к плачиште́м оти́де на жрја́пчето* [VPM,125].

плачо n 'дете што многу плаче, плачко' – кога некое дете не спие и непрестано плаче, тогаш сакаат со магија *плачот* да го *нафрлат* на друго дете, во таков случај мајката на детето наутро го изваѓа детето до прагот, тука застанува и кога поминува со стоката селскиот говедар таа изговара: *Ајде да одме плачо – клачо, пу ладни сенки, пу студени води; нија да се врниме, ти да не са врниш, там да устаниш, сенка да са чиниш, уд слӑнце да бегиш, пу вода да истечиш!* Тоа три пати се изговара едно по друго, мајката потоа ќе фрли три камена по говедарот зборувајќи: *Да одиш, ама да не са врниш!* [ТГ,125].

плаше (сӑ) impf 1.'чувствува страв' ~ *не́кој мӑш шо сӑ-пла́ше, мо-ј стра́х, ви́кме от ej ус-же́нцко сӑрце* [ПК,2(206)]; ~ *ви́ке: "Aj д-о́јме за́дно на-ца̨ро па́рте ки-му-ди́гнаме". – "Ки-би́де, ти са́мо на-ме́не урта́к да-ма̨-зе́миш и и́ч ни́м са̨-пла́ши ко́ј ти уждира́л ша̨ма́р"* [ВД(Ник),278]; ~ *што си мислиш, што си лагиш, црна Арапино![не сум пиле, не сум овца, сус лаф да ма плашиш,[ако не си врашко чедо, држ сега сус рӑци* [ТГ,41]; ~ *го-ви́ка̨ на-ка̨ури́но: "Ја́ла̨ ва́му! Шо́, ви́ка̨, сӑт ве́чи, тва́, о́но́ва̨" –"Бе́го̨, ви́ка̨ пе́ливано, ќе-ти-ре́ча̨ пра́во̨!" – "Ка́жи ми-пра́во̨!" Бе́го̨ се-нал'у́тал. "Ка́жи-ми пра́во̨, не́мо̨ да-се-пла́ши, ту́к-са̨м ас!" Ви́ка̨: "Ми-се-зӑка́ни тва́"* [ЛС(К),122]; ~ *па о́ни сӑ наближи́ле и му фати́ле но́зити, и му са пуклуни́ле на не́гу. То́га ве́ли на ни́јни Исус: Ни́м сӑ пла́шити, уде́јтисти, кажде́јти на бра́тќа му да си о́дат на Галиле́а* [MV(K),289]; ~ *сӑ мӑн'ч'аха да гу ја́хнат ко́н'у, ко́н'у сӑ пла́ш'иш'и ут с'ӑнката-му* [MS,t,-59]; **2.** изр. **ут-се́нкӑта сӑ-пла́ше** (= се кажува за некој што е голем страшливец).

плашли́ф* adj 'се кажува за некој што претерано е осетлив и има страв од сè и сешто' [ПД(Фур)]; ~ *е́ту си чини́ уф мо́риту но́гу по́трис, ду́ри кӑкут ки сӑ удавиши ут далга́тити, па о́н спи́иши. И ути́дуа Учени́цити ... ем му ве́леа: Афе́ндо, да ни чу́иш, е́ту ки си заги́ними. И ве́ли на ни́х: А ма́лове́рни, о́ти таквии плашли́ви сти?* [MV(K),297].

пла́ш'та impf, в. **плати** ~ *гу ви́кна за да ку́пи пуртука́ла и му вили́: "ко́лку ти пла́ш'та но́с ч'урбаџ'и́ја?"* [MS,t,26]; ~ *н'ằс пари́ за лиж'а́т с'é та́м на туж'а́риту; има́ниту, ш'ту з̀а и́ди, па́к за гу пла́штам* [MS,t,28]; ~ *но татку му, кату беши сиромах и не беши кадằр да плашта ајлằци на даскали* [V,PM,37]; ~ *и дéтто се-излằжу́ве, иска́рве чéшкăта ут па́звăта, нăпằлне-гу во́да – се-нăпằлнуве сус-злáто. Аку-ја́дум, ви́ке, пéт гро́ша, пла́штум петна́јсе* [ВК,282]; во Гевгелиско: **плашќе;** наутро вака се молат на Бога ~ *"Господи Боже и Свита Трујцо, никуј* (место 'некој') *касмет да пувелиш, да ни уделиш, дечка да си ранум, виргија да си плашќум, уф село да не са страмувум, душмајне да не сретум ни уф пăт, ни дома..."* [ТГ,306].

пла́ш'тани n 'давање пари за извршена услуга, плаќање' ~ *гу ви́кнува цáр'у у удајáта-му, му вили́: "сă ни ефхариш'ти́са ут мójту пла́ш'тани, да така́ сă ч'у́диш'?!"* [MS,t,19] – специфичност во линеаризацијата: глаголот и заменската форма се одделени со негацијата: **сă ни ефхариш'ти́са.**

пла́ш'тинга f 'голема вага со платформа' [MS,s,84].

плéва f 1.'остатоци од житни класје – ситна слама' [ПК,2(189)]; во Солунско: **пл'а́ва** ~ *за му да́м и на о́лувéту да идáт, за му да́м пл'ằва* [MSt,65]; ~ *за по́да у думá... за му клáда пл'ằва да идáт* [MS,t,65]; ~ *фати́ха са чини́ха безу́мни; не зна́иха на еди́н о́л пл'ằва да да́ват* [V,PM,25]; *плевата* се меша со земја – глина, кога таа ќе се користи за ѕидање (фактички земјата ќе се стори како каша и тогаш се замешува со плева)]ТГ,298]; **2.** изр. **пра̀с и плéва** (= нешто во многу голем број).

плéк m 'тенок слој од метал, ламарина' ~ *ут-плéк, по́-ра́но шó-с сă-служи́ли ме́сто ла́мба, не́ма ста́кло, сус ста́кло удго́ре пă а́ко-ј фине́р сă-ви́ке* (објаснување за називот **кандúло** = светило со кое се служеле кога нокно време оделе кај добиците) [ПД,121]

плéне pf 1.'ограби' ~ *напкун от там Нигрита е било зингинско село – отидоха там да го плене* [МС(В),72]; **2.** 'зароби некого и го има како потчинет' ~ *на тесните сокаци најде дети Сраулци; го плени и го има девет години* [МС(В),95]; **3.** изр.: **сéло сă-плéне, бáба сă-ре́ше** (= се кажува кога во сериозни ситуации некој се однесува несериозно) ~ *нă-мéн га̀зо ми-пу́ке уд рằбóта, óна ми-кằжу́ве нă-гóсте д-ójме* [ПК,2(192)].

плéска* impf 'удира', в. **плесне** ~ *и ш'и́ч'ки фа́т'ạха да си пл'éскат ранц'ằт'ạ и да ви́кат "ж'и́ту о Алéксандрус!"* [MS,t,59].

плéсне (и: **плесни**) pf 'удри со рака' ~ *речи дур да доречат, Илија испадна пред них и плесна рằци за да се бијат* [МС(В),97]; ~ *си пл'éсна рằнц'ằт'ạ ч'урбаџ'и́јата: "јазằк ути́ди д'ằт'ạту"* [MS,t,18].

плéснува impf, в. **плесне** ~ *кугá раскри́ва, ш'тó да ви́ди – прускéфал! си пл'éснува рằнц'ằт'ạ, трач'и́ на а́ш'тинуми́јата* [MS,t,13].

плéт m 1.'ограда на двор од прачки' ~ *ón-ej ут-сằчки* (= од прачки); ~ *кугá за пуб'ạлáј хýбав'ạ гу прусти́рат на плитó за да усằхни* [MS,t,8]; ~ *плитини́ца не ви́ке – туку плéт. Ус пằрте* [ИГ,120];

~ "Кóга ќи-сă-стóре дă-сă жéнăм? Ќ-ă-чéкăм јáс!?" И óн стáнва пулéка-пулéка ă-зéва кут-шу-бéше пувиéна, нáдру ă-зăкáчфа нă-кóлјăта нă-плитúшчăта и дă-гунéма, излéзе [ДК,151] *~ сади́ла Гéлạ бọсил'áк,[на сýха хри́да без јóда,[јọда нéмạ дạ гọ вáди, плéтạ нéмạ дạ гọ гráди* [ПсС(З),70]; *~ "Е што уткраде, кажајте, де!?" – "Ето што: беше еден убув бустан, заграден сус црни трјне. А воја урсус што праве!? Ка му са прајадуве лубеница, и то сношти, пу воја ветар, пу воја сафрагăн* (лошо време) *и не глидаќи ни оти плет има, ни... праскокнуве, флеве уф бустанут и салде една лубаница беше, па и неја ја скинал.Остави да, и сат бустан виран* (упропастен) *гу правил... сè уд крф!"* [ТГ,187]; **2.** изр.: **прăки плéт нé видéл** (= не умее да сработи нешто како што треба – пр. за жена која не знае убаво да плете) [ПК,2(189)]; исто така: **чúниш прăс плéт нé видéл** (= се кажува за несмасен човек) [ПК,-2(211)].

плéте* impf **1.**'со помош на специјални игли од конци прави плетиво' (обично со тоа се занимаваат жените) *~ јáс, óти тăнтéли плéтăх, ич нé мă вирувáа л'ýјто óт нé знáм дạ чéтум* **[ИГ120];** *~ имáло трú чýпи. Тúа бúле сирăчúна нè уд-мáјка, нè ут-тáтко. Нóгу сирумáшки. Е, шó прăвéле? Плитéле нă-тéбе, нă мáне* [ДК,113]; *~ "ej бре, слăнце, варај слăнце![дал' гу виде мој ми татко?" – "твој ти татко вино точе,[вино точе, бре нивесто,[да ки дојде ф-теб на госте" – "ej бре, слăнце, варај слăнце![дал' и виде мојте снаји?" – "твојте снаји, бре нивесто,[твојте снаји венци плетат,[да ки дојдат ф-теб на госте"* [ТГ,55]; *~ утúвам пл'етиш'т'éм* (= додека одам и плетам) [MS,s,84]; **2.** 'заплете, направи плетенки на косата (обично кај девојчиња)' – во сабота, пред свадбата, младата невеста си мие главата, а *пусестримте* ја чешлаат и ѝ *плетат кусланки* (плетенки) [ТГ,167]; **3.** 'пајакот прави (**плитé**) пајажина' *~ пáенку плитé пạенцúна* **[ПсС(З),66]; 4. 'со плетење на млади гранки направи некаков сад, пр. кошница, кош'** *~ ă-зéва. Шó ќи-прáве? Дă-н-сă-стрáме. А тáа чýпа тáму стуéла. Тúшăл ину-дéдо дă-бéре пăрчки, дă-плéте кушóј, кóга ă-пýле – инă-чýпа нúчку сиплáче* [ДК,121].

плетинúна f 'ѕид направен од сплетени гранки, а потоа премачкани со глина' *~ тýрцките кăшти сúте бúа ус-плетинúна* [ПК,2(86)]; и: **плитинúна** 'нешто сплетено' [ПК,2(178)]; в. **плитинúца**.

плéтăн adj 'нешто што е добиено со плетење' *~ óграда плéтăна ут пăрте* [ПД(120)].

плéшти pl 'делот од грбот, од вратот и рамениците на долу' *~ "Е, нă-тéбе, му-вéле, ину-ќýп ќи-тивăрзăм пóгулéмо. Тú-си јáк, мăкниш рúби, му-вéле, јáска слáба сум, лéјка, áма нă-мóж дă-бáрăм, му-вéле, ќимă-кáчиш нă-плéштте". Тó сè жúви ráни-е и нéа нă-плéштте ă-кăчýва* [ДК, 118]; *~ кóга гу-рéкăл тó: "él у тáте!", зăбурáвăл сируму́ дéка нă-плéштте нóсе гăрне и-рăшúрва ráците и стáпу су-сè пáднăл, сăискăршăл, сă-истурúла и бинúцăта* [ДК,152]; и: **плéшки** *~ нóќа бидéки на тáа дéн уф нăдéлата да пóртите биле затворéни, тáмо... дујдé Исус... му сă-кажá рăпште и плéшките* [MV-(К),252] – зборо формата **бидéки** овде ја чува глаголноста, т.е. се покажу-

ва со своето архаично значење: **нóќа бидéки на тáа дéн**; наспрема употребата како сврзник во повеќето македонски говори, па и во литературниот јазик; ~ *да му застанá уфстрéт, да вéли на нúх: Мúрба на вáс. Ка му ричé, му са кажá рáците и на плéшките. Сạ радувáле вúки Ученúците ка и видóа на Стопáнот* [MV(K),252] – во случајот директниот предмет е придружен со предлогот **на: му са кажá рáците и на плéшките** – појава прилично раширена во периферните западни и јужни говори, позајмена од аромански говори; кај Малецки: **пл'éш'ка**.

плúви (и: **плáва**) impf в. **плáве** ~ *и кáту нéмаши дáската сос нéгу да плúви, си одавú аф водáта* [V,PM,24]; *рúбăтạ плăвáт* [ПсС-(З),64]; ~ *"... вúка, нé-е длăбóка!" И-óн сúлạн сúлạн се-прáј сạс-кóн'ọ. Твá квá гọ-пọдбрáл, ... тój пáднал ọт-кóн'ọ вọ-вọдáтạ, и-вọдáтạ гọднéлạ. Кóн'о, кóн плúва, ọт-тáạ сráнạ изл'áгал... А-нạ-кóн'ọ имáл дисáги. Тój, пáлно злáто-сè* [ЛС(К),-119]; ~ *тој ја вели: "ох котку, как да не сам кахарлиа, што ми открade царјувата мома прăстенот, та сега не мога да праја веки никак без него?" Котката му вели: "господине, јазе гу зевам от неа, ама не мога да пливам морету"... Вјахна котката на кучинто та отидоха, пливаха морету* [V,PM,204].

плúга f 1.'меур на ногата од тесна кондура' [ПД(115)]; 2. изр. **сăфăтúла цăрúцта зă-дăржáл'то, плúга ú испăднáло** (= кога некој се жали и од мали напори) **[ПК2(198)]**.

плижóк m, zool. Helix i Limax 1.'ползач со рокчиња и "куќичка" (корупка) што ја носи со себе и во која се крие – полжав'. Со истиот назив се именува и голиот полжав (тој што нема куќичка) **[ЛС(К),96]**; и: **пижóк** ~ *прăт Вилúгдин сă-бérат пижóци;* односно: **пăрăжл'ок** (и: **пăржăл'ок**) [ПГ(Фур)]; 2. fig.'се кажува за човек со претерано гордо однесување, вообразенко' ~ **ká сé-j надýл алúс пижóк** [ПК,2(84)].

плиј* impf 'плука' ~ *кој му беше пријател', ги плијаше, кој му беше душманин, – удри со стапот да скокат* [МС(В),92].

плúко n 'лист подебела хартија, специјално свиткана во која може да се стави писмо и да се испрати по пошта' ~ *Твá д'áти ọтивájќи сéднал, л'áтно вр'áми билó, пọдеднá гóрница, вúка: "шọ-нé-г-ọтвóрạ тó-пúсмо ác". Детéтọ. Вáди мọлúвọ и-сéạ нạ-плúкọ, пọлéкạ, пọлéкạ, гọ-ọтвóрел. И-пúши óти твá д'áти дạ-си-пọгýби. Он-гạ-кúни твá и-пúши нạ-жéнạ-му: "Квá-ќидójди твá д'áти... дạ-гạ-дájш пóмлáдатạ кéркạ"* [ЛС(К),109].

плимạтúк m 'духовник, исповедник' [MS,s,84]; ~ *ọт мăрạ с'éтнạ дọшéл идúн плимạтúк. Цáр'у рéкал на плимạтúку дạ сạ пумóли нạ Гóспọдjạ дạ му дạдé чéнду. Плимạтúку му-рéкал: "Гóспуд' дạ-тидạдé иднá мóмичка, ạмá дạ-умр'ă на п'ăтнајситу гудúнạ"* [ПсС(З),76].

плúске impf 'истура течност на брзина' ~ *ноќта вода уд лијенут не са плиске вонка оти ки та бол'ат очте* (изрека запишана во Гевгелиско) [ТГ148]; – кога играат **дудуле** домаќинката ја посипува **дудулејката со** брашно, а девојките и младичите се *плискаат* со вода, кој што ќе дофати (стомна, кофа, канта, *канаваза* и др.) [ТГ,435].

плúсне* pf 'истури течност', в. **плис-**

ке ~ *то́ камилáринот и́маш'и идна́ топу́ска на-рака́та а-удри́ идна́ топу́ска си-раципи́ либин'и́цата, пл'и́сна идна́ о́да ут-либин'и́цата, пе́т стоти́н'и ками́ли ш'о́ има́ш'и си-уда́виха* [ВБ(Бал),344].

плиска́вица f 'длanка' в. **плисни́ца** [ЛС-(К),93].

плисни́ца f 'шлаканица' ~ *ка́ му-удри́ не́каа плисни́ца дӑ-ви́јш ка́ бе́ге* [ПК,2(86)].

плитар m 1. 'тула печена на сонце (не на огин), при мешањето на земјата се додава плева за да биде масата компактна; измешаната земја се става во специјален *калăп* од кој се вади и се остава да се суши' [ТГ,298]; 2. fig. 'поголемо парче сирење' [ПК,2(86)].

плитејне n 'активност кога од конци се прави плетиво' ~ *шма́ло три́ чу́пи. Ти́а би́ле сирăчи́на нѐ удма́јка, нѐ ут-та́тко. Но́гу сирума́шки. Е, шо́ прăве́ле? Плите́ле нй-те́бе, нй-ма́не. То́ вре́ме нима́ше фăбри́ки. Е, су-плите́јне, сурăбо́та* [ДК,113]

плитини́ца f 'ограда, сплетена' ~ *о́грăда пле́тăна ут пăрте* (= од прачки) [ПД(120)]; ~ *плитини́ца не ви́ке – туку пле́т. Ус пăрте* [ИГ,120]; исто така и некоја мала, споредна врата може да биде **плитини́ца** ~ *ко́ и-гле́да че́тникут зăстăна́т су-пу́шката тăка́ зăтскрие́но и утва́ра ут-го́ре супу́шкăта. Го́ре пăто́н и́маше. Ут -пăто́но фăти́ дӑ-пу́ка. И утвури́ја о́гин. И о́н ут-на́зут, врăтни́чки и́мăт ку́ќите се́лцки, ут-на́зут пре́ку врăтни́чкăта испа́ја̀а, плити́на, плитини́ца* [ВЕв,299] – уште еден пример за посебност во збороредот: атрибутот стои зад именката: **врăтни́чки и́мăт ку́ќите се́лцки; в. плетини́ва.**

пли́тка adj, m (f), в. **пли́тук** ~ *пли́тка линг'е́р, пли́тка бл'у́ду* 'плиток сад', *пли́тка во́да*; заб.: уште еден случај на несоодветна конгруенција – именката од машки а атрибутот од женски род *пли́тка линг'е́р*, што е резултат на нефункционирањето на категоријата род во овие говори (за ова има и поинакво мислење, в. во граматичкиот дел).

пли́тка f 'плетенка' (коса) [ПК,2(86)].

пли́ткичка adj, dem. од 'плитка' ~ *пијáтки ги ви́куме тй пли́ткички шо сă, а дăлбо́ка ако-ј пăни́ца сăви́ке* [ПД(120)].

пли́тук adj, opp. на 'длабок' [ПД(Фур)]; в. **плитка.**

пли́х m 'непечена цигла, направена од глина измешана со плева' [MS,s,85].

плод(т) m 'рожба на растение, често се користи за исхрана на луѓето'; сп. ~ *тре́ва, цве́то ка́ ќо̆ да́де смăрде но́го. Дăлги ги-да́ве, куту са́бји, а смăрдăт. Ми́сл'ум цве́то, а пло́до по́сле му стăну́ве куту уд чини́чка* (пченка) *кла́ше, ма́л'ка уд чини́чка* (клас од пченка), *цăрве́но, ра́сте пу кăрувăто* (објаснување за тревата **змијáнăц**) [ПД(122)]; ~ *то̆ ej пло́т и уд дăп и ут пăрна́р. Пăрна́р се́-ј пăрна́р, а́ма пло́до мо́-ј ис куту нă-дăбо и му ви́кăме жи́р и нă-не́го* (објаснување за називот **жир** = желад) [ПД,124]; ~ *и ви́ка, зàтва́, на-пло́днити го̀ди́ни, пăрвити, ќи-си-спре́миш хра́на за-се́дàм го̀ди́ни... И зàтва́, ква-и́мà сега́, ти́à се́дàм го̀ди́ни ќ-и́мà пло́т мно́гу. Ќи-кла́јми резе́рви* [ЛС(К),112].

плоди (се)* impf 'се размножува, се создава ново поколение' ~ *не сă пуминува ут урман, тука се плодат ногу лиут* [МЕ(Р),76]; ~

"Е, ре́кăл, тăка́, тăка́, дуjдé ѓа́вуло, нă-излăжа́, апна́ме. Пиши́н апна́ же́нта – ни́што, дăдé нă-ме́не, саках до-галтнум – не, и сăка́х до:-избл'у́вам нă-мужéх. Ја́ дéка ми-устăна́ лиша́н. То́о ут-тугáj е ту́к". Нă-мăjшто и́ма, нă-же́нте не́ма. И ре́кăл Го́спо: "Ви́ă не́мише дă-рăбо́тте, а́ма са:, ре́кăл, ќи, ус-тру́т, ќи-сă-мăчте, ќи рăбо́тте и ви́ă ќи-сă-пло́јте", ре́кăл [ПК,-2(238)].

пло́дин* adj **1.**'за живо суштество што дава репродукција' ~ *Он му ви́ка: "Та́тко, мно́гу ле́сно-е тва́, ви́ка, ќи-па́дни го̨л'а́ма су́ша. Се́дам го̨ди́ни ќи-би́ди го̨л'а́ма су́ша, н'а́ма ни́што да-и́ма. А ти́а се́дам кра́ви шо-бе́а, ... су́вото го-уни́шти напло́дното, за̨тва́ су́вото уни́шти да̨рва́та"...;* **2.** 'период кога растенијата многу раѓаат' ~ *и ви́ка, за̨тва́, на-пло́днити го̨ди́ни, пăрвити, ќи-си-спре́миш хра́на за-се́дам го́ди́ни* [ЛС(К),112].

пло́са f, zool. 'птица еребица' [ИГ,127].

пло́ска adj, m (f), орр. на 'надуен', т.е. 'сплескан' [MS,t,8]; за употребата на придавската форма за женски во функција на машки род (како атрибут), в. **плитка**.

пло́тче* n, dem., в. **плод(т)** ~ ниска трева, *да́ве пло́тчăта про́л'ăтта ра́но, куту зрăнца, куту груздák, си́на, цăрве́на буја́* (објаснување за полското цвеќе: **ку́куво гро́зде**) [ПД,122].

пло́ча* f **1.** 'тенка плоштина од нешто, обично од камен' ~ *и дјатету влезе аф бунаро да си напие вода. Тогас дјаволот најде врјаме, земал капако, една гол'ама плоча тури на капако и седнал отгори* [V,PM,97]; ~ *и му показу́ва пло́чата, што бе́ши та́му покра́ј не́гу* [V,PM,30]; ~ *и-викну́ве рăбутни́ците, си́те испăдна́ле та́м прă-де́уто. Удде́ле тăка́ нă-стра́на, има́ло не́ко: пло́ча, ка́рпа. "Ајде, рăче́л са:, зимајте та: да: прăпăрчăме нă-дру́гăта стра́на". – "Ка́мăн то́лкуф сă-ду́ге?" – "То́лко ду́ши не́ ќа:-ди́гнăте? – "А ја́с, рăче́л, ќи-ви-ви́кум, ви́: ќи-ди́гате"* [ПД,150]; ~ *и о́н купи́ са́ван, и гу уткува́, да му зави́ су са́ванут; да гу купа́ уф-гробут, шо бе́ши чине́то ут ка́мин; да му са кла́л и пло́ча на-вра́тата* [MV-(К),255]; ~ *и но́го ра́но на та́ нидел'а ути́шле на гро́бот, ка угрија́ слӑнцито: ем вел'а́ле ми́ѓу ни́х: Кој ќи ни тра̨ка́ли на на́с пло́чата ут вра́тата ут гро́бут* [MV(К),255] – во контекстот имаме употреба на личната зам., ген.-акуз. форма **них** наместо повратната 'себе': **вел'а́ле ми́ѓу ни́х**; ваквата замена е нашироко позната во југоисточните говори, пр. во кукушкиот; **2.** 'железна поткова на коњ, магаре и сл.' ~ *му-па̨дна́ла пло́чта нă-ма̨га́рто* [ПК(Гăр)].

плу́к m 'железна направа за орање' – фабрички, ако е дома правен **ура́лу** [MS,s,85]; ~ *нă-лиши́ата и́ тăкна́ло: "Ја ка ќа:-до́нцăме: ки на́јдиш ти еди́н плу́к, ра́ло, ме́чкăта ќа: кла́ме нă-пре́ди и-вắлко, а-ја́с уд-са́ди; ќ-о́дăме уф-нă-цáро дворо ки-о́рăме, шо-и́ма жи́во сắто ки-изо́рăме. Ка-ки-ви́дăт тăквó чу́до, оти ни́: о́рăме, си́те ки-испáднăт, ки-испáдне и цáрскăта мо́ма* [ПД,154].

плуска́ f 'исткаен колан, појас' ~ *наткáвам ина́ плуска́, гу зва́ж'-дам с'е́тн'а ч'ума́ку* [MS,t,7].

плу́т m 'договор' (? – прашалникот е од Ст. Романски во Речникот на Зборникот од Верковиќ) ~ *от на́зика́на ря́ка фа́тали ка́та де́н по една́ ри́ба. До две, до три уки́ дохо́дјала. И така́ еди́н де́н като*

осто́рил плу́т за ри́бата, кój да е зи́ма, и отриди́ли на ца́рја да е да́ват, за да са ни ка́рат за неа [V,PM,255]

плута* f 'големо парче сирење, исечено во правилна форма' ~ *и му-ве́ле: "Ба́бо, ти́ во́ до́бро шу-ни-гу-пра́јш са́те о́фци нă те́бе". Се́тне ба́бăта сă-зе́, утиди дă-гу па́ла де́уту. Си зе́ва и три́ плу́ти сире́јне. Оде дă-гу-па́ла* [ДК,116]; ~ *и му-ре́кăл ко́а гу-ви́шăл сире́јнито: "Фắрли го́спуди, фắрли о́ше тро́ сире́јне!" Ба́бăта о́ше инă-плу́та сире́јне фắрли́ла. Он ре́кăл: "Во́а-е, во́а-е нă-ба́ба пре́шлито ја́с шу-му-гу-нăпра́ву'"* [ДК,146].

плушта́т* m 'широк простор обично во центарот на градот' ~ *и во́ ви́ка, ă-зе́ нăдо́лу ут-ку́ката: Еéj, фил'а́н чуве́к си-же́ни у́тре, вика́ни нă-сва́дба. Ви́ка. Жăнда́рити: шо́ бре́ ви́кăш ти́? Еве, ца́рну нă-бе́лу, ја́с-са́м пуште́н. Ај нă-до́лу, уфта́са у́лицăта кăј-кăлка́зут, плушта́дут и па́ ви́ка* [ВЕв-(Кор),306].

плуштатка f, в. **плушта́т** ~ *уф-Мура́рци и́мше две́ мли́на на га́с, на-га́зија, две́ мли́нуве и́мше. Се́лто би́ше кулк пулви́на гра́т. Пăпучáре и́мше, на́што се́ло пра́ку петна́јсе ду́ши пăпучáре. Сè дика́не и́мше то́а ме́сто, Ги́ран шо сă-ви́кше. Ги́ран – дика́не зăбико́лини, плушта́тка ф сридата* [П-К,2(216)].

плуш'т'е́ n 'широкиот, остар дел на мотика' [MS,s,86].

Плăдни́штто top. 'место каде што пладнува стоката од с. Постолар, Кукушко' ~ *тăма́м ни́а дукăра́ме нă-пла́дне ми́ските нă-Плăдни́штто кулу двăна́јс са́ато, гле́ме ко́л'те тува́рини.* Во продолжение ќе ги претставиме сеќавањата на информаторот Димов Илија, којшто како десетгодишно момче (род. 1903 г. во споменатово село) го доживеал прогонството на Македонците од југоисточниот егејски дел за време на Втората балканска војна 1913 г.: *Ка́ бига́ме ли? Па́сăхме нис-по́л'то. Гắрцте уз-до́л ка́ нăста́пваа, сăгле́јше бил' ка́ и́даа. Ни́а фăти́ме дă-бе́гме, а пă уд-до́л адни́ бу́гарски вујни́ци та́м нă Гắрди́штто на́ше, нăт-се́лто прăпука́а... Гле́дме ко́л'те тува́рини: клăде́ли пу-не́коо вре́јка бра́шно уф-на́тре, пу-ади́н јурга́н, че́рги, куте́л и дă бе́гат. Нас ќи-нустава́а. А-а, гуто́ви, не́ма вре́ме дă-нă-бắркăт, дă-нă-че́кат. Вујна́та тăка́ о́де, го́ре по́л'то. И ни́а сус ни́х, а нă-го́ре. Ка́ зăмина́ме пắто, гле́дме ади́н бắлгăрски вујни́к путка́мăнто та́м, сă-ту́ле. Они адни́ тупчи́нка пу́кат, и ни ве́ле: "Бига́јте по́ско́ро, глида́јте дă-избе́јќте". Они пу́кат, гле́ет дă-мо́ш сă-исте́гле нăро́до. И ка́ дујде́ме уф-Ку́куш, виде́хме но́го вујни́ци. Ра́нини, но́сат сус-ко́ли. Нăро́т бе́га нă-си́те стра́ни, кукуше́не, а Ку́куш о́ште не́ го́рше. Не́ би́ше до́јдăна гắрцкăта вујска́ уф-Ку́куш, о́ште фро́нт дắржăт до́ло. Са́мо вујни́ци ра́нни ре́знно́сувăт га́аре. И, ут-Ку́куш ни́а це́ла ве́чăр пăтува́ме. Сăба́јл'то уф-Але́ксуво усăмна́ме. И та́м плăднува́ме. Же́шко, о́гин, сă-ви́ке, го́ре. А дна же́на мăле́чко де́те но́се уфрăцте и, гу-тури́ пут-пắто ду-а́дни тắрне. Уф-а́дни дра́ки, шо́ ви́кме. Де́тто уф-ре́кта нис ти́а дра́ќте, о́на бе́ге нă-го́ре, Аа-а, устăви́-го де́тто, прăд на́с, нă-де́не нăпла́днина и, бе́ге. И плăднува́ме то́о де́н уф-Але́ксуво кăт та́а **Су́та Ре́ка,** пут-ти́а ја́вурто, па́мниш ли, зна́јш ли? Тук ти би́ше по́мăле́чук* (се обраќа кон помалиот брат). *Мисиа же́нте ле́п бес ква́с, присни́к, дă-сă-јспе́че, дă-ја́диме, не́ма шо́, де́ца мăле́чки. Кăде са́ато три́ тăргна́ме. Пра́во

ут-кăде Штéмница нă-гóре, дă-фăтúме зă-Крýша Плáнна. Бăлгăрскăта вујскá сă-фáштăт фрóнт нă-Крýша Плáнна. И-вúкат: "Бигájте, вáа вéчăр гл'ăдájте дă-пумúнте Крýша Плáнна. Нúа ќи-пудăржáвме óгино нă–Крýша Плáнна дă-мóж дă-j-збéѓте прăку Димúр Исáр. Дă-измúнте нă-мóсто нă–Стрýма". Дă мǫже нăрóдо сă-истéгле [ПК2(Пос–290-291)].

плăзи (сă)* impf 'се движи сам од себе, по некоја мазна и наведната површина – се лизга' [MSs.85].

плăк m, zool. ~ *тó-j едúн гулéм, алúс пúле, áма нé-j пúле, ус-крúла, нă-вéчăр-éj óн, лéте, нé глéде. Зă-лéк гу-фáштат, о турýват уф-шăрлáн* [ПК,2(86)] – даденият опис од информаторот одговара на 'лилјак', а називот **плăк** фонетски стои близу до литературното 'полв' (Rattus rattus).

плăн* adj, 1.opp. на 'празен'; в. **пăлин** ~ *"Ка е арно Госпуд нека даде!... Сус радуст темел' са удире; сус радуст да са пукрије, сус радуст оѓин да са навале! Сус радуст госте да прачеке, сус радуст госте да испрате!... Да биде плăна песни и џумбус* [ТГ,296]; ~ *да биде плăна здраве, касмет и бериќет; и сус жито – жито; и сус дубици – дубици; и сус пари – пари; и сус радуст – радуст; и сус синуве – синуве; и сус керки – керки* [ТГ296]; **2.** изр. **плăна црква диќеле** – загатка (= уста полна заби) [ТГ290] – на повеќе места во материјалите од Тановиќ за некогашното вокално **л** се јавува рефлекс **лă**; според нашите истражувања основната замена во Гевгелиско гласи **ăл**; исклучок забележивме во с. Костурино, што се наоѓа на половина пат меѓу Гевгелија и Струмица.

плăно adv 'многу' – кога ќе сретнете ловец не треба вие прв да поздравете со **дубрутро**, туку треба да се причека ловецот да поздрави, а вие да му одговорите: **"Плăно! Дајбудобро!"** [ТГ,386].

плăчлúф adj **1.**'се кажува за дете што не се воздржува и често плаче'; **2.** fig. 'се однесува за некој што многу често се жали јавно' [ПД(Фур)].

плăшúло n 1.'дрвена кукла, облечена (личи на човек), са става во лозјето или нивата за да ги плаши птиците'; **2.** fig. за човек што изгледа многу лошо [ПГ(Фур)].

плăштúца f 'тенок, рамен камен' ~ *плóсук кáмăн, тéнук* [ПД(129)]; во Кукушко: **плуштúца** (и: **плошкица**) 'камена плоча' ~ *двóрут о-нăридúме плуштúци, ќи-нéмме гáаре кáл* [ПК,2(86)].

пл'á(j)а impf 'чисти простор од плевел, пр. в градина – плеви' [MS,s,84].

пл'ана* f 'материја, крпа со која се повиткува мало дете, бебе' ~ *нивјастата му отишла на Костадиновата кашта, на Костадинова мајка вели: "варај мајко, миличка бабо, дали ми сакаш тоа вечер на тебе госка да бида, ча имам тузи малко дете без пл'ани, да не гу помразна вăнка?"* [V,PM,228].

пл'áни* pf 'ограби' ~ *иднó вр'ăми úмаши иднó папýле и иднá бáба. Папýл'то úмаши удóл у-кăштта-му иднó дуќáнче, úмаши и трú штéрки... хармúјто... фатúха кáта вéчер да јú-дат и да-пл'áнатдуќáнăт* [ВЛ(Aj),-338]; ~ *и а-вéли "Жáлна-ми штéрко, уд-друсти ти-сéстри искрúх, áла уд тéбе ни-мóја да-искрúја: уд-н'ăко вр'ăми давáм* (печатна грешка – треба 'навам'), *мóмата-ми,... ми-пл'áнат дуќáнăт"* [ВЛ(Aj),338].

пл'асканиска f 'шлаканица, удар со

дланка' ~ *кладе чаморџиата да гот-ви, ету и џадото и дошел. Чаморџиата зе чанакот да му даде манџа. Тогас џадото гу удри една пл'асканиска на чаморџиата* [V,PM,-234]; и: **пл'асканица** ~ *видоха, една мома имало зографисана* (погрешно пишува 'згорафисана'), *тамо, штото на земјата таквас да нема втора. Кату ја виде царјувото дете, падна тамо кату умрјант, проглендот. Как виде така чамурџиолу, му удри една пл'асканица* [V,PM,232]; односно **плескани́ца** ~ *тја́нака му ве́ли: "ка́к зна́иш, така́ чи́ни!". Тогáс тóјнака га удри́ една́ плескани́ца и са чини́ една́ черве́на ја́балка; га зе́ма́ тóј ја́балката, га тури́ на на́звата* [V,PM,131]; в. **пл'уска́ни, ш'ама́р** [MS,s,84].

пл'а́ске impf 1. 'згазнува, односно па-ѓа во нечиста вода' ~ *жа́пта пл'ӑсна́ уф-во́ота; шо́ пл'а́скиш уф-ка́лта;* 2. fig. 'кога некој зборува неконтролирано' ~ *шо́ пл'а́скиш шо́-ќ-ти-до́о на-у́стта* [ПК(АЌ)].

пл'аф-пл'уф interj 'извик кога се борат **пиливани** (борачи)' ~ *и о̣но́а̣ вр'а́ме има́ло̣ н'а́ко̣ј, и́мето̣ му-за̣бра́ја̣, о̣т-Спа́т'о̣во̣, пелива́ни има́ло̣ ка̣ј-на́с, на̣-па̣на̣г'и́рито̣ и-ги-за̣по́мн'а̣ ас. Са ќуспе́та. И-ту́к са́м вид'а́л, а́ма̣ ве́чи н'а́ма̣. И-ка́нти и́ма̣ зејти́н, ќе-сена̣ма́чка̣ го́лан. Ка̣-ќе-ре́че: пл'аф-пл'у́ф* [ЛС(К),122].

пл'а́чка impf 'краде' (обично повеќе работи и со голема вредност) ~ *о́н би́л му́дар. Разбра́л о́ти во̣-Цр̆рна̣ Го́ра̣ и́ма̣ а̣јду́ци. Ајду́ци, а̣рамии́. Пл'а́чка̣т. И ви́ка̣, на̣у́ча̣л о́ти ќи-сли́за̣т, ти́а̣-са̣ на̣-виско́то̣, а сли́за̣т ни́ско̣то̣, ни́а̣ ви́ка̣ми дире́* [ЛС(К),116] – во контекстот имаме употреба на додаток за место без предлог: **сли́за̣т ни́ско̣то̣** (наместо 'во ниското'), што се третира за образец позајмен од балканската јазична алијанса.

пл'а́ч'ка f 'грабеж, крадење на работи со голема вредност' [MSs,84]; ~ *не́ли ти рӑспра́увах уде́ве, ка́ бига́ме са́то се́ло с-испрӑзни ги-фӑти́ли, ги-зӑруби́ли ти́а шо устнӑли. Дӑ-ј-збе́рат, дӑ-ј-м-зе́мат па́рте. Уд-Ами́нус, уд-Ајдӑрли́а, ти́а та́м се́ла шо-би́а Ту́рџте о́от дӑ-пл'а́чкат и на́ш-се́ло Кре́цӑво. И ни́х ги зӑло́ват та́м, ги-нӑпӑлнуват уф-кӑшта, нӑпрӑска́ли га́зја. Сӑка́ли не́кој да-јзле́зе, би́ле гла́фте му-би́ли го́ре. Има́ло тӑва́не не́ли, зӑ-дӑ-испа́днат уд-о́гино. Итӑка́ устнӑли гла́фте изго́рни нагре́јте, о́сум ду́ши. Ти́а сӑ-Бӑлци́ифте и Та́нӑфте за́дно. Они, ка́ бига́ли, сӑ-пувӑрна́ли нӑсӑт, зӑ-па́рте, и тӑка́ сӑ-изго́рни* **[ПК,2(Крец–312)]**.

пл'а́чки* pl 'алишта' ~ *идну-де́н Нӑстрӑди́н ума́ су-же́на-му ути́шле нӑ-ре́кӑта д-и-испе́рӑт пл'а́чките. И пра́ле шо пра́ле сидна́ле тро́ дӑ-пучи́нат* [ДК,155].

пл'а́чкине n 'грабеж', в. **пл'а́ч'ка** ~ *дру́го адно се́ло, сӑ-ви́кше Кулку́тино, сѐ гу-истрибу́а, ду-у́ше, ду-чувéк. Куми́тто та́а рабо́та. По́сле загúна тва́ те́пане, тва́ пл'а́чкине, сӑ-тури́ ре́т. Ама скӑра́а-се Бугáрто ус-Гӑрџите за-Со́лун. Стипа́а-се та́м. Пучна́а вујна́* [ПК,2(Мор–218)].

пл'уи (пл'у́у) * impf 'исфрла плувачка', в. **пл'ука** ~ *детенто са чини от три години, го пуснаха на скол'уто да са учи, и детенто са беши научило харно да пеи, хем да пиши, но сѐ мундро не седјаши: кого биишши от децата, кого пл'уишши и на едно дете му извади очите* [V,PM,215] – во лексемата **мундро** освен остаток од назалниот изгор (од големата носовка) имаме и замена на вокалниот сегмент со **у**,

наспрема обичниот рефлекс (во овие говори) **'ă'**; и: **плуи*** ~ *и сéга цáрут нăрéдил нă-жéна-му дă-ă-извáдат нă-срéт сéло, су-плýнки дă-ă-дáвăт... Кóа ă-извăдúле нáдвур дă-плýјат, себрáл цéл свéт и пучнáа да-вăрвăт* [ВЕв(Кр),302]; ~ *вúја стражáрите фáн! Зăштó вúја нé-ă-плујнýвăте?" –"Кáко нúе дă-ă-плýјниме, áј óди тú плýјни-а твójта мáјка, тá ни-и-мáјка, кáко дă-ă-плýјнимме!"* [ВЕв(Кр),302]; односно: **пл'ý-** ~ *нéко вréме устанáло: кák жéнта гу-излăжáла, змúата а-гăлтнáл мăжо и тýк тăкá рăцкувúцта шо нăпрáвăна; то гу-гăлтал, ду-тýк ká дујдéл до-пл'ý- нă-мужéл, и тýк устăнáл и устăнáл. Нă-мăјшто úма, нă-жéнте нéма, óти жéнăта гу-излăжáла* [ПК-2(Грам–237)]; в. **плиј**.

пл'ýиш'т'ém adv 'плукајќи' ~ *и дијатáксува паш'áта на аскéр'у, гу звáж'дат ч'урбаџ'újата ут кăш'тата пл'ýиш'т'ém* [MS,t,48].

пл'ујнýве* impf, в. **пл'уи (пл'ýу)** ~ *и вúја стражáрите фáн! Зăштó вúја нé-ă-плујнýвăте?" –"Кáко нúе дă-ă-плýјниме, áј óди тú плýјни-а твójта мáјка, тá ни-и-мáјка, кáко дă-плýјнимме!"* [ВЕв(Кр),302].

пл'ука* impf 'исфрла од устата плувачка, односно нешто што пред тоа го ставил в уста' ~ *они смукаха с каламот и пл'укаха на рăката и велиха: "на, број!"* [МС(В),76]; в. *пл'уи́штém*.

пл'ýмбо n 'ѕидарски алат, висак' ~ *мáјстурто шó клáвăт, за зúдо да бúде прáф* [ПД(135); и: **пл'омбо** ~ *óн кажýве ѕúдо дáл'-ej избéгин, дáл' нé-j; нéго о-нóсат ѕидáрто, мáјстурто* [ПК,2(86)].

пл'уне pf 1. 'низ устата исфрли плувачка', **в. пл'ука** ~ *и са пофали на ламјата: "ету, господарка моја, га куртулисах момата ти, гу успих тјахниј бăрзоходеца и му земах капата!"... Тогас ламјата гу пл'уна на образот и му искара капата* [V,PM,-46]; ~ *дójди и дрýгуту д'ăт'ą, гу пл'ýна :"ти си – вилú – маскарá"* [MSt,70]; ~ *си-пушчúл уфчáро стáпо, сă-нăмутáла óна, испăднáла уд-óгино. Му-рăчéла: "Лéгни дă-ти-пл'ýнум уфýстта, ут-сúте изúци ки-знáјш, а мójта мáјка, кути цáр-ej нă-змúјте* [ПД,152]; ~ *по-големјут брат му рекал: "Ад да чиниме каул, ако ма удавиш сус една пл'унка, да ти дадум сите пари што имам. Ак та удавум, да ми дадиш сите пари, што имаш. Пл'унал човекут* [V,PM,270]; – кога некое дете ќе се сопне и падне, родителите за, да не плаче, ќе му речат: *Ако, ако, ако – така ки пурасниш! Пл'уни, пл'уни, тамо дека падна, ки си најдиш ирмилик! Ах, та палена (баксус) Ѓупка, вадан истури уд вургијата* (кожено кесе) *на тоа место брашно, па за тоа падна!* [ТГ,122]; кога ќе испратат некое дете да заврши некоја работа, пр. да донесе вода од чешмата, татко му (или некој друг од семејството) ќе рече: *На, ки пл'унум, скоро да дојдиш* – детето ќе побрза да се врати додека плувачката не е исушена, бидејќи во обратен случај ќе се исуши и детето – на тој начин ги заплашуваат децата [ТГ,122]; и: **пл'ујне** ~ *му-рéклă: "Шó сáкăш дą-ти-дáм?" Му-рéкăл: "Шó ки-ми-дáјш, нé сáкăм нúшту". Му рéкăл: "Зéјни дă-та пл'ýјнăм нą-мýцкăта и ќи-рąзбéриш шó лáфе дивутúјне, ајвájне, óфци, кóзи"* [БМ(Зб),199]; ~ *дудéка сąм тýка нą зéмн'ата, сąм вúдело на зéмн'а. Как ричé вúи лáфови, и пл'ујнá дóло, и правú кáл ут пл'ýнката, да му а липú кáлот уф óчите на слéп'от.*

Да му ричé на нéго: Оди си, мúј си [MV(K)258] – во контекстот имаме нерегуларност во употребата на предлозите 'во' (во случајот 'уф') и 'на', имено предлогот **уф** е употребен кога се однесува на нешто надворешно: *да му а липú кáлот уф óчите на слéп'от* (м. 'на очите'); **2.** изр.: **пл'ýн-си нă-рăцто** (= зафати се за работа) ~ *ним-чéки нă-пумухчúј, туки пл'ýн-си нă-рăцто, áк сáкиш нă-врéме дă-свăршиш рăбóтта;* **пл'ýн-си уф-пáзуфта** (= не се потсмевај на слабоста или несреќата на другиот, бидејќи може истото да ти се случи) [ПК,2(188)]; во Солунско Малецки забележил: *гу пл'уна* = го плукна.

пл'ýнка f **1.** 'она што се излачува во устата како слуз' ~ *му рекал: "А д да чиниме каул, ако ма удавиш сус една пл'унка, да ти дадум сите пари што имам* [V,PM,270]; ~ *дудéка сам тýка на зéмн'ата, сам вúдело на зéмн'а. Как ричé вúи лáфови, и пл'ујнá дóло, и правú кáл ут пл'ýнката* [MV(K),258]; и: **плунка** ~ *и сéга цáрут нăрéдил нă-жéна-му дă-ă-извáдат нă-срéт сéло, су-плýнки дă-ă-дáвăт. Дă-губéри цéл свéт сè у-плýнки дă-ă-удáвăт ут-стрăмутилăк* [ВЕв(Кр)]; **2.** изр.: **нé пл'ýј, пл'ýнкăта ќи-т сă-вăрне** (= не зборувај лошо за своите блиски) [ПК,2(181)]; **ус-пл'ýнки ќи-т удáве** (= се кажува за оној што многу зборува и кога зборува како да плука) ~ *нă-сéгде úма такви́ чувéци, ká ќи-фáте дă-гувóре... ус-пл'ýнки ќи-т удáве* [ПК,2(206)]; сп. **ш'л'унка** [MS,s,85].

пл'ýнкичка f, dem. **1.**, **в. пл'ýнка**; **2.** 'нешто пифтиесто, без кора, лигаво; во случајот што следува: 'кога од семето почнува да се оформува ларва од свилената буба' ~ *ду-трú-дéна тăкá ќи-си-прáвиш и пишúм утпăрвин ќи-си-бéриш лúшче мáлце, áма тó нóгу сúтну ќи-гу-дрóбиш оти-тó óште пл'ýнкичка-и, ќи-пóчниш да-си-а-рáниш вúќе* [БМ-(Стр),200].

пл'ýпаниц m 'меур од изгорено' ~ *глéјш какóф пл'ýпаниц ми-сă-дигнá, шó мă-пăрснá врéла мáс* **[ПК-2(86)]**.

пл'ýска* (и: **пл'уске)** impf 1.'стрела, пука' ~ *утúди тój на врăх главáта-ји, с'éдна и слýш'а тóпувéту как пл'ýскат* [MS,t,13]; [MS,s,85]; ~ *стáн', марú жéну, да ги чýш бáри тóпувéту, кáк пл'ýскат* [MS,s,85]; **2.** 'кога семето од свилената буба ќе ја пробие кората за да се развие потоа во ларва' ~ *сéмтọ шо-ќи-пл'ýске, шо-ќи-са-рóе тó, ќи-си-клáвиш идна-новина натó, едну-óдăрче ќи-си-прáјш или мáса, шо úмиш ќи-си-клáјш, и нáм ут-тá кăпúнта ќи-си-клáвиш нạсéмто* [БМ(Стр),200]; **3.** 'врне силен дожд' ~ *нúм испáќи нă-вóнка, вúј ká пл'ýске, жúва вóда ќи-т-нăпráве;* в. **пл'ýснува**.

пл'ýска (и: **пл'ýскифца)** f 'меур што се прави на кожата од изгорено' ~ *мáјко, кóлкува пл'ýска ми-стаáнá,... ут-шăрлáно ká пăржạх рújnте* [ПК,2(86)]; в. **пл'ýпаниц**.

пл'ускáвица f **1. 'силен дожд'** ~ *ká мă-фạтú áдна пл'ускáвица дýдạле мă-нạпрăвú;* **2.**'тепање'~ *шó бúше тáа пл'ускáвица сăнóш кăд-вáска мăрú, кój сă-тéпше?* **[ПК2(86)]**.

пл'ускáн* adj 'ако е со пробиена, отворена опна' (кога ларвата на свилената буба ќе потпорасне и ќе ја пробие опната со која е завиткана) ~ *и ка-ки-дójде у-тóплуту врéме укулу-Велúгдин, ки пóчне тó дạсạ-рóе, и ки-си-гу-удвúвиш ка-ки-*

и́ма пл'уска́ни се́мијна и ки до́јде вре́ме ки-збу́вне та́ кути́јта [ВМ-(Стр),317].

пл'ускани n **1.** 'стрелање'; **2.** 'удирање, пр. по лицето'; сп. **плúсканúца, ш'амáр** [MS,s,85].

пл'у́снува* impf **1.**'пукнува (во случајот со пиштол)' ~ *Липо́н пиш'то́фу гу напăлн'ува́ха бару́т и куршу́м, да с'етн'ạ гу пл'уснува́ха* [MS,t,39]; **2.** 'удира' ~ *пл'уснýва вудáта* (= удира водата) [MS,s,85].

пл'у́сна pf, 1. в. **пл'у́ска 1.** ~ *но́с гу р'е́ч'и: "дрăш' рăнка́та да гу фăрл'а!" и му пл'у́сна, му ја удри́ рăнка́та* [MS,t,39]; **2.** 'удри со шлаканици' ~ *ка-ќ тă-пл'у́сне та́тку-ти дă-не́ ми пла́чиш, не́-ќ-тă бра́нум, дă-зна́јш* **[ПК,2(86)]**.

пл'у́скифца f 'мал оток на кожата, плуска со течност (од удрено, изгорено или набиено место)' [П-Д(130)].

пл'у́скăвăц m, bot. Papaver rhoeas 'диво полско цвеќе, има убави црвени цутови, но не мириса убаво – булка' (Пат), во Ник освен **пл'ускăвăц** го викаат и **диф афион** [ПД(122)].

пл'ăскăту́рник m ~ *то́-ј ја́дне уснăринди́сна ти́ква, ја́ја, мле́ко и шике́р, пе́чно уф-фу́рна;* fig. 'неубаво јадење' ~ *и́ч не́ зна́а дагóтве та́а мо́јта сна́а, шо пра́ве адни рăчо́ци али́с пл'ăскăту́рник* **[ПК,2(86)]**.

по part (за образување на компаратив) ~ *не́колку дни́ се́тни големо́јут си́н бе́ши мăра по-акăлли́а, зема́ оло́виту, оти́де на ни́вата* [V,PM,26]; ~ *виде́ на чешма́та да пи́ши едно́ пи́смо така́: "ко́ј не́ ки пи́ј от та́ја во́да еди́н та́с, мăж не си бро́и, от же́на по-олча́к је!"* [V,PM122]; освен придавки се степенуваат и именки: ~ *му р'е́куха: "ут на́м по́-јунак-си!" и ути́духа на кули́бата* [MS,t,75] – именката **јунак** овде е сфатена како 'јуначен'; ~ *по-кротките бези по-путпушкја́т, по серттă по грабăт* **[МЕ(Р),85]**; ~ *că углидува́ле на углида́лто, ва́а вил'а́ла: "уд ме́не по́-у́бăва не́ма на-дујна́та", он пă вил'а́л "по́-си́лин јунак не́ма дă и́ма на све́тут"* [ИГ,112].

по́ adv 1. 'повеќе' ~ *ут стра́ната нă кура́бо и́ма двăна́јсе нугал'ки, уд дăбуво дăрво, дăбо по́ тра́: и шчи́ците дă că уд дăб, по́-а́рни că, по́ тра́т* [ПД(128]; ~ *ут ка că минијă тро вримијнтă ăнгăријтă фăти по дă услăбувă* [МЕ(Р),89]; ~ *можиа,... дă му că пожал'ăт нă бегут и да гу истерăт субăштă, дă-ј бегут по мирак имăше зă чифлику́т* [МЕ(Р),90]; ~ *сил'ајнту уд ден нă ден сѐ по сирумашејăт, сѐ по си-ј скусувăт арџувјту* [МЕ(Р),90]; ~ *и фа́т'ах ра́бута... ка́мин'а да ц'ăпими... и така́ по́ ми că утфо́ри душ'а́та заш'то́ л'а́бу си гу зва́ж'дах* [MS,t,**3**]; **2.** 'почесто' ~ *ни́ạ, шо́ дă-ка́жум, би́ме прă-на́јмăле́чкоо, ко́га не́ма живо́т, е нă-мо́јш дăживе́јш. Ја́с că-рăзбуле́х, лижа́х три́ ме́хца у бо́лница и не́ дујде́ та: сна́а дă-мă-ви́де и́ч, прă-н'а: шо́ би́х. Та: и́дише по́. И виде́ме, не́ виде́ме, прă-то́о си́н дујде́ме* [ПК,2(Ид–286)].

по́: (и: **по́е, пои**) impf 'дава на животно да пие вода' ~ *о́н ут-го́р нă-дăрвуто се́де. И дујде́л нă-ца́ро измиќа́ро дă-гу-по́е ко́јно. Ко́јно не́ пија́л во́да та́м, нăса́т că-тăгл'а́л... И не́јсе, се́а ќи-зи́ме ца́ровјо си́н ути́ве, ќ-о́де о́н ко-по́: ко́јно. Ути́ве. И нă-не́го тăка́* [ПК,2-(Пл–258-259)].

поаргиса* pf 'задоцни' ~ *от мъ̑ра дена сетни му дојде на татко му книга, да ходи на царска кавга. И тој на жената му припорънчова и вели: "кога детинто ки си чини за ука, да го дадеш на даскал да си учи! Ету ти оставјам стока, пари, и јазе ако поаргисам, тој детенто да го гледаш харно!"* [V,PM,155]; сп. *за м'ą аргисаш' мло́гу* (= ме задржуваш, ќе задоцнам многу) [MS,s,4].

поарин* adj 'подобар' ~ *Предлозан му гу отнесуве паунут на царут. Напкум царут си пофалил којнут. Братјата рекле: "Алатувут којн е поарин ут твојут"* [V,PM,272]; ~ *гу-пуштúле нъ̑-ъ̑вли́јте та́му. Крúф кóјн кój ти сáка! Удникóлку дéна тó крéни-си-а пáшкъ̑та óди-си! – дójди Тýрците кóга имáле Бájръ̑м. Кój ут-кój дъ̑ зéва кóч пóáрен, пótугá, Тýрците пáлъ̑т* [ДК,141]; сп. поздрав: – навечер по посетата кај некој сосед или роднина, гостинот на заминување се поздравува со: *Добра ноќ!*, на тоа му одговараат: *А мин! Госпуд на вас поарна* (некои: *подобра*) *да ви даде!* [ТГ,315].

поарно adv 'подобро' ~ *и црева са баре карат, а кам да са не карме нија* – конфликтните ситуации се неибежен дел од животот, тоа особено важи за оние што работат заедно и затоа постои изреката: *"Сус јабанџија поарно са пуминуве"*, или *"Јадејне и пијајне братски, исап глидајне* (= правење сметка) *– душмански"* [ТГ,319].

побара pf 'фати' ~ *и тојнака тогас си побара на главата, позна, ча нема капа* [V,PM,46]; ~ *и тјáнака му вéли: "ами снóшти, мъ̑жу, когá лéгнахми и си турúл сáбјата дá нé си побáрами, јáзе приз вечерóт прифъ̑рлúх ръ̑кáта ми нá връ̑х тéбика и сá отсéкох от сáбјата мъ̑ра, áма динéска не ти казáх* [V,PM,145]; ~ *и тójнака фатú да га побáра по гъ̑рлото, зъ̑рното излезé от гъ̑рлото ú, и ужувјáла. Тогáс цáрјув сúн га земá за жéна, га чинú царúца* [V,PM,133].

побарова impf 'фаќа', в. **побара** ~ *се окачи гори, сандукот дол гу извади и, га гу отвори сандукот, и видел нетри момá умрјана. От-тука, оттаму фати да ја побарова, ја фати за гърлото малко, зърното кајдиса от вунка, момата и ожувјала* [V,PM,214].

побе́гне* pf 1.'напушти некое место на брзина, со трчање' ~ *и кату немаха рахат от аскерите, побегнали от таму и отидоха на един грат, си заселиха* [V,PM- 40]; ~ *простр'а ръ̑кáта му, искинá едúн дал сóс дéсет јáбъ̑лки и едúн дизгúн удрú на кóн'ут, побегнá* [V,PM,113]; ~ *таја џанабет жена беши залуд'ала, дур да отвори паницата, и как га отвори, побегналу оно шеј от нетри* [V,PJM,65]; ~ *тојнака беши млогу хитъ̑р да а побегнал: приз пенџерината скокна* [V,PM,35]; ~ *адúн капитáн, тáм уф-Дýпница, какóф ej бил, мъ̑јóр ли, къ̑питáн-ли, нéзнáм вúке: "А, тóо мóмче пубигнáло. Ајде, вéле, на-тéп бисúлка или стрéлба". "Шóм сáќда-м-утéпте, утипájте, вéле, тájфъ̑та умрéла и-ás нéк ýмрум". Фáште вýјко, тáа лúрта на-тóо къ̑питáнут ма:-дáве. Жúф д-устáне* [ПК,2(Шек–278)]; и: **пуб'а́гни*** ~ *"утúдух на перивóл'у за да субéра смóкфи и там вúд'ąх инó пúл'ą маламóсану и р'éкух да гу фáт'а и тój пуб'ъ̑гна"* [MS,t,45]; ~ *кукурúкна пинт'éлиту и съ̑ пуб'ъ̑гнаха дјáвулéту*

[MS,t,24]; ~ *и вили́: "ми трукули́ ко́н'ут, ми разби́ ку́рут, гл'е́нда канди́ т'е́б'а!" – и сфа́т'ата пуб'ӑгна* [MSt,78]; **2. 'замине'** ~ *цар'ут му вели: "ско́ру от дво́рут ми и от мо́јта ца́рчина да побе́гниш, учи́те ми да ти не ви́дат ту́ка о́шти едноч!"* [V,PM,10]; ~ *она кајве му служи, тој не можа да ја познај, туку она гу позна. Кату и пил кајвету, тој стана да побегни и платил пари за кајвету* [V,PM,239]; ~ *как отидоха да легнат сос детенто, му каза на детенто: "братче, утри што на закол'ат, л'у утри да побегними"* [V,PM,240]; – *"Ами кам татко ти?" – "Татко ми јазе го не знам, зер, кога побегна татко ми, јазе бех ошти на мајчинот ми корем". Тогај го пригарна и фати да плаче, хем да му вели: "ох, сину, јаз ти сам татку!"* [V,PM,163]– во контекстот со предлогот **на** се означува внатрешност, наместо 'во': **јазе бех ошти на мајчинот ми корем** (= мајка ми беше бремена, јас бев во нејзиниот стомак); **3.** 'напушти семејство' ~ *не́кој пӑт не ми ка́за, ча и́маш бра́т на Ста́мбол; се́га от де́ка ти дојде́ това́? Безбејли́ ти́нака са́каш да побе́гниш от ту́ка* [V,PM,18]; ~ *еден вечер царју́т му рече на гнусниот: "да земиш таин'ут да гу закараш на милната!" И тојнака зема таин'ут, отиде гу даде на кучката. Как чекаши царицата за таин'ут и как не дојди таин, стана, побегнала и отишла на татка и́* [V,PM,60].

побегнова impf, в. **побе́гне** ~ *она рекла: "са уженувами, туку ниа адет имами, са чиними голи кату от мајка родени и са канпими". И арапинот заеднош си распримени, отиде да са канпи. Она пак му зева сичкојут такӑм и рубите, от тамо побегнова, са приминила кату кисиџиа* [V,PM,235]; и: **пубӑгнува** ~ *и и́ди, му вили́ ут по́ртата: "а́ди ма́ли, та́ти, а́ку м'а̨ ви́дити о́ш't ино́ш' у уч'и́т'а̨ да м'а̨ пи́ш'ити!" и... си пубӑгнува ута́м* [MS,t,32].

побјади* pf **'кога некој ќе ја добие битката'** ~ *иска́рал крату́ната и ако́лата та му ка́зал: "Сас ај та́зикана крату́на приме́рих и на ако́лата писо́вах". И ка́то зел ца́рја ако́лата пӑлна ну́ли, не́ можил да собере́ ко́лко о́ки са. И така́ побја́дили ца́рја, за да зи́ма бјазарґа́нина ри́бата* [V,PM,256]; и: **по̨бе́де** ~ *ама па́к не́-са̨ка́л да̨ му-се-преда́де, на̨-то́лка̨ф чувек да̨-му-призна́е о́ти е по́си́ла̨н. Зато́а му-предло̨жил да̨-се-бо́ра̨т и то́ј ко́ј ќа̨-по̨бе́де, ствáрно е-на́јси́ла̨н* [ВГ(Мир),272].

побјал'а pf, в. **побјал'ава** 'кога нешто ќе стане бело, односно ќе добие боја на млеко' (во случајот што следува: ја варосува куќата – станува бела) ~ *станаха утринта ошти рано-рано, кинисаха, отидоха на татко му на уврејнот. И, га гленда, детенто, сичко чарно. Тогас гу викна на татко му, му вели: "тате, зашто така си чинил?" И тој шаштиса... тогас уврејнот курдиса, побјал'а каштата му и стори свадба на санот му* [V,PM,239]; ~ *и ми р'е́ч'и да сӑ уми́ја на б'ӑла во́да... сӑ уми́х и пуб'а̨ла́х* [MS,t,15]; ~ *кага́ за пуб'а̨ла́ј ху́бав'а̨ гу прусти́рат на плито́* [MS,t,8]; и: **побеле*** односно: **пубе́ле*** ~ *ка́ гӑсаа ва́р, гу пӑрсна́ и нӑ а̨дно́ш о́кто му пубиле́, уку́рве́... ~ Соломо́н му вели́: "дја́до, гора́та побел'а́, кла́дниците присуши́ха, две́ без три́ не́ чи́нат"... ца́р Дави́д му ве́ли: "брада́та ти и*

кóсмите от главáта ти побел'á, очúте ти присошúха клéпките, нóите (нозите) *ти без стáп не чúнат"* [V,PM,130]; ~ *тáм дéка-ј пубилéна бýбăта, дạ-рéчме шо-сáке дạ-нáјде мéстọ зạ-кужýруви дạ-вúе, ќи-са-пубéле пу-тúе вéјкте, бéла ќи-бúде, сăта бýба ќи-са-нạкáче нạ-вéјкте* [БМ(Стр),201] ~ *"јас ќи јодам, бре нивесто,[в силна војска мускувија" – "Ej спајија, млад спајија,[бидел' фати, ти ним јоди" – "Бре нивесто, грејна душо,[бидел' нејќат, мен ме сакат,[кажи колко ки ме чекиш" – "Ej спајија, млад спајија,[ки те чекам длăго време,[дудек коса ки-пубеле"* [ТГ,-334]; ~ *нé вéлети вúа óти и жетфáр сéја, и жéтфата дујдé? Ету ви вéл'ам: упулéјтисти, да видéјте нúвити што си пубилéа, сáка да си жнúјат вúки* [M-V(K),258].

побјал'ава* impf 'станува бел, побелува' ~ *тја утишла на кладнецă, прала ја и ја чјукала цјал ден, и пак ни побјал'авала. Тја плачала и сја чјудила што да прави* [V,PM,287].

поблúжно adj '**побли**зок' (со формата за среден род се покрива и машкиот) ~ *и он стана оттаму, си отиде приз друг пăнт поблúжно; на мајка му и не остана рент да пита за поранките на слăнцето* [V,PM199].

пóбли́зу adv, орр. на 'далеку' ~ *úмше аднó мăлéчко сéло, ká гу-вúкаа нé знáм. А-а-а, тóо бúше Ґóлдăс. А ма мăлéнко бúше тóо сéло. Тóо сéло тăкá сă чинú демéк. Ká фатúме, сă-рăстурú. Алóмалáр и Пустулáр, тúа сéла бúа пóблúзу. Сéтне úмше аднó, Амбáр-Ќój мувúкаа, Кăрá Бунáр пу тýрцко. Тýрцко бúше, кăýре нéмше* [ПК,2-(Иц–280)].

побратимка f 'блиска другарка' , в. **пубратим** (формата за ж. род ретко се среќава) ~ *тогас мисинчината вели на неа: "е побратимко, и ти си хубава, и јазе и слăнцето и звездите, ама сега момата е нај хубава"* [V,PM,213].

побрăкова impf 'со раката побарува нешто во џебот, односно во пазвата' ~ *тогас единојут са побрăкова на паската за кл'учовиту, дил да отвори сандиките, фати да тјухка: "бре, што сторихми? Ниа сми забравили кл'учовиту на нашта кăшта!"* [V,PM,178].

пóбудлá adj 'тој што не е паметен, во случајот: што не е итар' ~ *гăкăчúл вăлкут нă-лисúцта нагăрбут. Одăт, лисúцта вúке: "Бóлин здрáв нóсе". "Што гувóриш кумúце?" Си-бáм нă-глáфта от мă-бóле, кýмо вăлче, дă нé мијстéче мóзуко, зéр глéјш кóлко мej истéчин". И дујдéли ду-дýпкăта, лисúцта си-скукнáла уф дýпката. Вăлко нéли пó-будлá си-устăнáл* [ПК-2(Крец–304)].

побутнă pf 'потурне, измести' ~ *тă му тога рăкла, да кладă јаковитătă билкă в пазвătă си и сătнă да побутнă ăдăн камăн, котри стојал там и имал ду дăсăт хилăди ока* [V,PM,289] – сп. во контекстот: **котри** – лексички архаизам.

пóбăргу adv 'кога нешто се прави побрзо' ~ *и нăрáнто стáнăл стáрут утúшăл зă-дăрва и стáрăта утúшла су-дăрмунут и су-ришéтто зă-вóда. И стáрут си-дóшăл пóбăргу, ă-зáклăл бúшкăта* [ДК,146].

пóбăрка f 'кога од овошните дрвја, односно од лозниците, што веќе се обрани, дополнително си прибира

по некој заостанат плод' ~ *збрáх áдна тóрба урéе пóбăрка* **[ПК,2(86)]**.

повади pf 'земе нешто, го извади од некаде' ~ *он му хвăрли кл'учовете и га вели: "отвори хазната, повади колко пари сакаш"* – во примерот имаме употреба на формата за прав предмет **га** наместо за датив 'му': **хвăрли кл'учовете и га вели**, освен тоа засегната е и категоријата род [МС-(В),94].

повали (сја) pf **'полегне'** ~ *тја утишла на кладнецă, прала ја и ја чјукала цјал ден, и пак ни побјал'авала. Надвечар заминало једно дјадо и ја питало, зашто плаче. Тја му казала сичкјо, тој хи рекло: "Повали сја, синко, по неја, и шта побјалијă!"* [V,PM,287].

повеление* n 'раскажување' ~ *спроти мајчини ми повелениа – мајка ми е дип харна – преде петнајси или осомнајси години да и дошел у д'адова кăшта еден гост, га ареса на мајка ми, за еден вечир са винча сос неа* [V,PM;56] – во извадокот имаме употреба на сврзникот **да** со интенсионално-декларативно значење, наместо 'дека': **спроти мајчини ми повелениа ... да и дошел у д'адова кăшта еден гост.**

повéли* pf **1.'нареди'** ~ *и заедноч ламјата повел'а еден деф, да га запали фурната, да га гори три дни* [V,PM46]; ~ *тја сă указала, чи му је жената. После повелила и нăзи кăштă, барабар с кладнецо, да изгорет и да направет сарајă в котри седјали с мăжо си и сă пол'убили и миловали от понапрез* [V,PM,283] – уште една потврда за присуството на архаичната заменка **котри** 'кој': **в котри седјали**; ~ *да одиш на пăтут, дек ке замине Ристос, да му речиш: "Даскале! Ти са мол'ум, воа леп е ноф, да гу благословиш да е блак!" Офчарут чини кату как му повел'а Април* [V,PM,294]; ~ *му речé: "дéка повéлиш, господáр мój, да úда; пúши ми тефтéро"* [V,PM,23] – во контекстот имаме додаток за место без предлог: **дéка повéлиш... пúши ми тефтéро** (м. 'на тефтéро'); ~ *нáшјо млăдéш нă-тăрăн éј зăдójн, нă-мójш дo-пувéлиш, нă-мójш лáф дă-му-кájш* [ПК,2(186)]; **2.** 'благослови' ~ *"На новјут гост Госпуд нова нафака* (среќа) *да му даде! Сус таква радуст Госпуд сите братја да и зарадуве, и дека треба да се врне! Ваја гудина винчаме, Госпуд да пувеле уд гудина воја време măшко дете да крстиме! Уџакут да гу пуднови-ме. На младенци Госпуд касмет да им даде! Мир и милост меѓу них да биде. Сус мед и млеко да се ранат!"* – зборови на благослов на вечерата по свадбата [ТГ,184]; ~ *"Ка е арно Госпуд нека даде! Да ви даде длăг живот и кăсмет, арин век и на секуја педа пу ока бирикет... Госпуд да ни живеје крштеникут и новата крштеника!* – **со** тие зборови кумот се заблагодарува на поканата да венча. На ова присутните ќе викнат: *"Амин! Госпуд да пувеле така да биде! Уд твоја уста уф Божји уши!"* [ТГ,161]; – првиот ден кога орачот ќе оди на нивата да ора, домаќинката ќе му донесе богат ручек и ќе благослови: *"Ајарлија работа, Божиј човече![Колико зрнца толико куранчијна![Колико куранчијна толико класчијна![Уф секуј клас пу сто зрна"*; на тоа орачот одговара: *"Амин! Госпуд да пувеле така да биде!"* [ТГ,332]; образувањата *колико, толико* ги немаме сретнато при истражувањата

во Гевгелиско, но ако земеме предвид дека голем дел од материјалот Тановиќ го има запишано уште пред Балканските војни 1913 г. ("во Турско"), а освен тоа во соседната населба Гуменца, што се наоѓа недалеку на југ, во денешна Грција запишавме: *кóлик пурасна́л на ма́јка,* тогаш можеме текстот на Тановиќ да го земеме како реален; **3.** 'покани' – *калесарите* (тие што канат за свадба) кога ќе почнат да *калесуват,* прво ќе кажат *добру вечар,* а **потоа:** *"Ви чинуве чико Јуван* (името на домаќинот на свадбата) *клајне и здраве и ва кане да пувелите за уф нидел'а на свадба; оти ки гу жене син му Ристо сус Нетка Пиперува!"* [ТГ,165]; – тој што *слави служба* (според Тановиќ така било во минатото во Гевгелиско) приквечер чека гости и дава вечера, при тоа благословува: *"Госпуди Боже и Св. Танасе* (или бил кој светец што се слави), *ка е арно така да дадиш! Госпуди Боже, и Свити Ѓорѓе, на душмајне на врáт им стани, басрет им фати* (да им ја спречиш намерата). *Госпуди Боже и Свити Димитрија и унадашна* (прекутрешна) *свита Нидел'о, на помуш да ни бидиш, лошо на арно да убрниш... Госпуди Боже и Свита Бугуројцо и нејна друшка Свита Варвара и Свита Катарина, на помуш да ни бидиш, јардăм да ни чиниш, уд биса да на чувиш!"* Накрај завршува: *"Ајде пувил'ајте! Који милува – дујде. Госпуд нека ни биде на помуш!"* – Гостите одговараат: *"Амин"* [ТГ,210]; **4.** 'побара' ~ *и фрăкнал гемиџиата мрежата на морету, да се хванали много риби на касмет нихно. И крапачинот и повел'ал, зарди неговот касмет да хварли гемиџиата мрежата, да види, што ки хванат и на негово касмет* [V,PM,242] – во контекстот среќаваме уште еден случај на употреба на предлогот **на** наместо 'во': **и фрăкнал гемиџиата мрежата на морету** (м. 'во морето').

повел'а impf **1.**'управува' ~ *тогáс, кáк гу ви́де цáрјут, чá и докарáл двájсигоди́шна давани́на и пáк жи́в дојдé, са почýди. И тогáс му дадé нá нéго óнája зéмја да га повéли, гу чини голéм човéк* [V,PM,108]; ~ *тогај царјут вели на чобано, оти она беши с чобански дрехи: "што посакаш от мене да ти дам?" И она рекла: "сакам да ми дадеш Солун града да повел'а, и сичката Солунска каза. И царјут заеднош писал фермани наврăх жената, да повели Солуна и Солунската каза* [V,PM,167]; ~ *тáмо си заселúха фрéт и повéл'аха двé зéмја; нá нéговите конáки прати́ от л'удéто му, едúн везúрин повéл'аши* [V,PM,147]; ~ *зă дă можă по кулај дă гу пувел'ă селту он кунуштисува су два-триминă по-зијнгијнă* [ME(P),91]; ~ *мéн ќимă пувéл'е адно уфчерáшно лáјно* [ПК,2(208)] – реакција од возрасен човек наспрема грубото однесување на помлад човек; **2.** 'располага со нешто' ~ *ету тóлку пари ти остáвам, толку стока, ниви, лозјá, бахчи, кăити, олóви и другу, што úмам фрéт тúнака ки ги повéлиш* [V,PM,7]; **3.** – **(са)** ~ *тука седа чауш или мулјазим су неколко заптиј: уд него се повељат селта* [ME(P)72]; ~ *Постул кăту сăтă села шо лежат нă арни мистијнă и лесно сă пувељăт* [ME(P),83]; ~ *и ут идна-две гудини дă нăвакă сă пувељăт ут Екзăрхијăта и пејăт нă сколјоту и нă цăрквăтă бугарцки* [ME(P),80].

повелиа f, в. пувел'а; 'наредба' ~ *ве-*

л'а́јке така: чујте, сел'ани, от цар-јут има повелиа, на тој сиромах никој ништу да не чини лошу, ниту една кокош да му не си загуби [V,PM,33]; *~ на вечарта му дунесле на Бога измитчијте мо (тиа биле нарăчниците) вичера (вичерта му била: што е мир на светут; су ного видоло и су ного јасте) и му рекле: "Господи! Ил'ада и един човек дујде на видулто; пувилиата што ти е!"* [V,PM,266]; и: **пувили** (< повелија – со редукција и елизија) *~ Уддéле тăкá нă-стрáна, имáло нéко: плóча, кáрпа. "Ајде, рăчéл са:, зимáјте та: да: прăпăрчăме нă-дрýгăта стрáна". Кáмăн тóлкуф сă-дúге? "Тóлко дýши нé ка:-дúгнăте?" – "А јáс, рăчéл, ки-ви-вúкум, ви: ки-дúгăте". И-зимáле, а-дигнáле; нé-ли бóжа пувилú:, шу-вéл'ăт, а-прăпăрчúле плóчăта, испăднáло сè злáто* [ПД,150].

пове́рува pf 'прифати нешто за вистина'

~ "тáмука аф нéа уздóлу úма алтăни зариини: да ги зéмиш да си видиш сиромаштиата ти". Тójнака, кату чу такá, не поверува на пилету [V,PM,30]; *~ му вéлеа санкú дрýзите ученúци: видóхми Гóспода. И óн му речé: "акý не вúдам на рăците му нишáните ут кăрфúите, и аку не клáдам прăстут ми на нишáните, и акý не клáдам рăката ми на рéбруто му, нé к-п(о)верýвам"* [ВЕв(Кон)308]; *~ когá видé господáрот неговите тефтéри, са почýди и тогáс повé-рува* [V,PM,15]; *~ скинала две јабăлки и ги фăрли аф гаштите ú, и тојнака после, кату си качуваши, салдиса рăката да побара нешту, али фатил јабăлките аф гаштите, поверувал мутлак да е мăж, а не жена. Тогас излезоха от јабăлката* [V,PM,72] – во контекстот има 2 посебности: прво, употреба на адверсативниот сврзник **али** (што предизвика дискусија): **да побара нешту, али фатил јабăлките**, и второ, употреба на лексемата **излезе** со значење 'се симна': **излезоха от јабăлката**; **поверова** *~ одговори и он: "ох, јуди самовили, ами јазе сам тука, за това на човек мириса". И самовилите повероваха на него; да фатили да вревјат за него самовилска врјава: "е, сега, цаним сестра" вели едната самовила на другите, "да знај Костандин сега колај, излева отука!"* [V,PM,227]; *~ хиз-миќарот, кату не имал пари да плати на ханот, зева кон'ут и му вели на ханџиата, ча за поj по чаршиата, да тера детенто, и ханџиата поверова и гу остави* [V,PM-238]; *~ тогас уврјајката поверова на неговите ланжа, та му даде една хазна алтуни, да занесе на нејнот син* [V,PM,224].

по́вечку adv 'нешто изразено во поголема количина (во споредба со нешто друго)' *~ óцатă му-вúкă: "От-бе Пéтре такá нăправú ти? Нáли ќи-зéмиши, вúкă, лáжити, ќи-дójдиши" – "Дă-се-нăсмéеме, вúкă, мáлку, дă-се-нăдлăжими. Еми, пóгол'áма лăжá от-тáа милýваш! Кóлку вр'áми пот-пúраши тáм зúдовéтo?" Пóвечку от-трú сăтă, вúкă Оцатă. "Еми тáă е-лăжá", вúкă Пéјко* [ЛС- (К)-130].

повиди pf **1.** 'дојде во посета, на по́виш' *~ каде шестиј чáс дojдé мáјка ú на пóвиш да га повиди* [V,PM,30]; *~ на субота па часот на 9, сватот за собере неколко мажи и жени. За везмат л'ап, вину, јадени. За подат на нивјастинската кашта, за повидјат младиту. Друга една малка*

свадба са чини нос ден [V,PM,251]; *~ кату чу така́, то́ј стана́ от трапе́зата и оти́де на́ бра́т му на по́виш. Напре́т, когá бе́ши сиромáх, неќáши да гу ви́ди, ама сегá оти́де. И кáк гу ви́де снахá му, стана́ гу земá за ракáта и му ве́ли: "о́х, бра́че, не́знам што да уба́рними: на́ то́лку годи́ни и ти е́дно́ч си дошéл да на повúдиш* [V,PM-148]; *~ еди́н де́н оти́де да повúди се́стра му; гу најдé дирвúшино умрја́нт. Тогáс фати́ сáм, гу зарú на́ дирвúшинот, си земá се́тни от тáмо си́чко, и се́стра му га земá и га закарá на конáките* [V,PM,142] – во текстот директниот предмет е изразен во придружба на предлогот **на**, што се смета за ароманско влијанаие: **гу зарú на́ дирвúшинот**; **2.** – **(си)** 'се види со некого' *~ Еден ден му вел'ат на чобано: "е баштју, до сега ниа бехме загубени, туку ти што на стори туз добро, на прихрани, си нарастохми". Сега и ниа ти си молими да дојдеш, да ти занесеми на нашто мјасто, да видиш наштја кáштја и нашио баштја и мајка – да си повидити"* [V,PM,169]; *~ по дно времја имало еден богат човек, с неколко хизмиќари завратјаши, и еден кумшиа имал негов, штото лафови продаваши и наберал хазни алтáни. Еден ден стана и тос богат. Отишел на кумшиата му, да си повидјат* [V,PM,168].

повúе* pf 'завитка бебе во пелени' *~ и заеднош излезе и падна едно нешто от царицата, от крастот на дол човек, от крастот на гори змија. Кату видеха така, млогу са оплашиха сички, што беа тамо. Но момата зема вода, гу измила и гу пови и гу даде на мајка му, да гу бизае* [V,PM,276]; *~ тогас тој ке изл'ази кату л'ута змиа. Ти да не си оплашиш от негу, л'у да го земиш, да гу измиеш и да гу повиеш, и да гу дадиш на царицата да гу бизаи!* [V,PM,273]; *~ стáнвăт тúа, тýка мáксăм – тáм мáксăм, нéмаа. Кóа пýл'ăт нáдру, нă-кóлјăта зăкăчéна, плáче. Сă-дрăснáла нă-мéву. А-зéле, ă-пувúле, ă-чинúле, ă-уздрăвéаа* [ДК,151]; в. **пувиве**.

по̀ви́ќа̀* pf 'покани да дојди, извика' *~ му-ви́ќат: "Тáм úма еди́н чо̀в'ák ле́жи и-пúши на̀-сáб'а̀та со̀-еди́н у́дар четри́иси ду́ши". Јунáк. И-óн вика̀. Тúа̀ му-ви́ќат: "Па-не́-и ло́шо̀ да̀-го̀-по̀ви́ќа̀ми. Кáко̀ јунáк сас-нáшата̀ гру́па да̀-се-скло́пи"* [ЛС(К),116]; *~ са̀ ти ки-пúтиш, ки-сáкиш, ќ-о́јш уф Ло́ндун... Ќ-о́јш уф-Ло́ндун, тáм англúскио крáл úма дéте уф-кóжа зăви́но. Ти ќ-о́диш тáм, ки-сă-рăзвăртиш укул-пăлáто, ки-ви́киш: о,о до́ктур, о,о до́ктур. К-излéзе пулúцијата дă-тă-пувúке, тú рăчé, дă-нé сă-уплáшиш* [ПД,147].

по́вике adv 1.'компаратив од многу, множество од нешто' *~ по́вике рăкăвéнки ки нăпрáвăт пăлóк, а по́вике пăлóзи снóп* [ПД(122)]; *~ "ут трúста драхмú нагóр'а̀ ни мóга да ти плáт'а̀" – "и јас за си пóја, д'é ми дáват по́вики!"* [MS,t,26]; *~ и т'é му р'éкуха: "јáла! сирмáси снú, н'éмами дрýга удајá по́вики, амá пукрáј нам прóмин' и тú!"* [MS,t,15]; *~ станáха сéтника мирахчúе, фатúха да си кáрат, кój по́вики да зéми; делúха што делúха, вúки кăштата нé си дéлиши* [V,PM,17]; и: **по́ј̀ќе** *~ тáа чýпа ă зéва, ă-зăнéсфа уплăнúнăта, му-и-извáжца óчите, ăустáва тáму дéка плáче. И нéјна ăублéкфа, ă-нăридýва, к-ă-вúшăл цáру, сă-нăл'ýтăл пój̀ќе* [ДК,121]; **2.** 'често, многу често' *~ на-пăзáр óдăхме ф-Штéмница по́вќе. Тáм бúше пăзáро, тáм бúа Тýрцте. Бéзи бúа,*

та́м бе́зи живе́а. Це́лта уко́л'а бе́·сте сѐ та́м живе́ја·... акортно ме́сто (сп. "курорт"), *по́тăка́, по́уф-пла́нинта, во́да по́·вќе, ла́дно* [ПК,2(216)] – во контекстот среќаваме додаток за место без предлог: **це́лта уко́л'а бе́сте сѐ та́м живе́ја·** (м. 'во (од) це́лта уко́л'а'); ~ *нăврӑс чура́пто сă но́сăт, ги пра́вăт по́вике ус ша́јăк, ду ту́ка фа́шчăт* [ПД(136); ~ *та́·-j пă уд доло жăлта, уд горе бела, тиă растăт уф стăрни́штта повичке* [ПД(123)]; **3.** 'застапеност во повисока степен од нешто друго' ~ *асăл ста́ро, по́-ра́но и́ ви́каа синја, а́ли се́га суфра́ сă ви́ке по́вике* [ПД-(120)] – уште една потврда за присуството на адверсативниот сврзник **али: али сега суфра́ сă ви́ке;** ~ *слăничкăтă нусијă сă бăркă су вардарцкăтă ув селто Аларе, дека повикјиту носăт вăрдарцки пăртал* [МЕ(Р),81] – во текстот прилогот е членуван: **повикјиту**, исто така и во следниот случај: *и ја́зе фати́х, гу научи́х мла́дојут о́л да о́ри, по́викету ја́з рабо́тех, ду́р да гу на́уча, и сега́, кату остаре́х ету по́вики, ме изгони́, ме остави́ ту́ка на снего́* [V,PM-138]; ~ *са чини́ мло́гу бога́т, от господа́рот му по́вики* [V,PM,27]; ~ *кату чу́ бра́т му, ко́лку бе́ши л'ути́н на не́гу, о́шти по́вики си разл'ути* [V,PM,16]; ~ *и така на 105-годишен човек – ала(х)-билир може да и повиче – кăсмет биде да пул'ам на стари години* [МС-(В),77]; ~ *закáраха на цáр'у л'ăк, му кла́духа на уч'и́т'а, му ги усл'а-п'а́ха по́вики* [MS,t,...]; ~ *имаши еден сиромах човек и бил млогу акăлиа, ама колку и бил акăлиа, толку и повики беши гнусин* [V,PM,58]; ~ *и така секој ден идаше – де бре, де бре, де бре – ми ги расипа повичи очите* [МС(В),77]; **4.** 'со поголема важност' ~ *су-јдна лăкăрдjă он ăj повиќă уд мал-сăjбиjтă ув селту* [МЕ(Р),90].

повина pf 'се наведне, ожалости' ~ *и она пушти скути и рăкави и повина лицето, сă чини гајлилија и отиде дома* [МС(В),96].

по́вира́н adj, компаратив од **виран** 'неквалитетен' ~ *и тăргна́ме ут-Сики́рник, ту́к ут-Кулéшино, то· пăт пра́во зă-Мо́крина. Уддéме, Мо́крина пра́зна. Нăсили́ли сă-та́м на́ште бижа́нци по́ра́но, по́а́рните ка́штички тăка́ фăна́ли. Ни́ă пра́во нăкра́ј адна́ по́вира́н ка́шта бутна́ме-се, кулк да-не́-сме нă-мигда́н* [ПК,2(221].

по́висо́ку adv, opp. на 'пониско' ~ *"с'е́ напо́сл'ат м'е́н'а да и́диш', да ни по́ш' ни по́висо́ку, ни по́ни́ску"* [MS,t,58]; ~ *ти́а ра́бо̧та̧т, о́н се́дна̧л на̧-ба́ма̧та̧, на̧-о̧ма́ко̧. Едно вр'а́ме, на́ли до́лу по́висо́ко, жа́рта де́ка̧-е. За̧по́мнили-сте ви́е. И-о́н, една́ пӑрчка̧, едно́ ста́пчи и-са́мо̧ го̧-ри́и пе́пело̧* [ЛС(К),110].

по́висо́чко adj, n, в. **по́висо́ку** ~ *амани-ку́јчту гу-на̧дé, ни о́ни гу-сритна́ја то́ не́шту. И де́к ки-о́јмă – дистина-ме́тра на̧-дéсно̧ ут-ала́тте дек-са-устăве́ни, на-идно̧-ка́минче та̧ка́ по́висо́чко* [БМ-(В),192].

повичќă adv 'повеќе' ~ *сеа кăту шо сă утвури лăкăрдjитă зă су-бăштă, не ки бидă лошо да зă-пузнајме тро повичќă су негувут авăле* [МЕ(Р),90]; ~ **фăрту́на** *е по́вичке ве́тăр и до́ш ка́ ки-фа́те* [ПД,129]; в. **по́вике**.

по́виш m 'среќавање, видување' ~ *каде шестиј ча́с дојде́ ма́јка и́ на по́виш да га повиди* [V,PM-31]; ~ *кату чу така́, то́ј стана́ от трапе́зата и оти́де на́ бра́т му на по́виш.*

Напрéт, когá бéши сиромáх, неќáши да гу ви́ди, ама сегá оти́де [V,PM,148]; ~ *от гудениту сетне за дојди един панаир, да речеме Богородичин ден. Тогај пак јунакот за викни роднините му. Ки си собрат десетина жени да подат на повиш, за занесат една зја папуци, скахуни, шамии два, фес, ририф, един крондир вину и един ракиа и алтуните* [V,PM,246]; ~ *и пáк когá га земá нивјáстата, тога видé, пáк си насмеá. Збóр чини́ зéтјут, цáрјут по-нáпрет да и́ди на зéтјувата кáшта на пóвиш, и чини́ха збóр, кóј дéн да дóјди цáрјут* [V,PM,114].

пóвла f 1. 'нешто како поголема црпка со која ги фаќаат и ги вадат птиците што се фатени *уф пиликáтнико* (во Дојранското Езеро); за да не можат да бегаат, на птиците им ги сечат крилјата [ПД(127]; **2.** 'рибите што се собираат во *кóтецо* (гонети од птиците, во Дојранското Езеро) некогаш се толку многу што рибарите просто ги извлекуваат со црпка (црпката има обрач колку една поголема тепсија); таа црпка се вика **пóвла** [ПД(127]; **3.** "тоа е железна алка широка еден аршин, која има дршка долга еден и пол аршин. На алката се врзува мрежа во форма на ќесе. Дршката се зацврстува со јаже чија должина треба да изнесува колку и длабочината на Езерото. Со така подготвена направа се греба по дното на Езерото и се фаќаат школки" [КД,60]; 4. 'специјален сад со рачка со кој се црпи водата што ќе флезе **уф курабо**' (= чамец со кој ловат риби во Дојранското Езеро).

поводе* pf 'потера, поведе' ~ *"Ти имише, риче, девит ил'ади офци, јас флизех, ти утипах три илјади". – "Да ти си бил мој душман!" Гу фатил и него, гу тепал, тепал, гутиснал уф един дол. Па си поводел офцата, па си кинисал* [V,PM,293].

пóвој m 'лента од украсено платно со која се стегнува бебето откако ќе се завитка во пелени' [ПК,2(86)].

пóвој m, bot. **'трева што се завиткува околу други растенија'** ~ *óна цáфте бéли кúтки алúс úнка, óна нóго сă-лóзе, сă-шúре, áма кóрăно и-éј плúтук* [ПК2(86)].

поврате (са)* pf 1. **'кога некој ќе се сврти назад'** – објаснувањето е од Ст. Романски ~ *и така един ден, за да поверува и да нема шубе да не го откраваат, кату жниеши, ги вăрзуваши снопите; и кога са повратил одзаде да види, дали стојат снопите, кога гледа, две или три снопи санким човек ги караши, отидоха на братувата му нива* [V,PM,83] – множинската форма **снопи (снопите)** ни ја потврдува поставката за проширената употреба на множинската наставка – **и**, не само кај именките од среден, туку и кај еднозложните од машки род (за ова в. во граматичкиот дел); **2.** изр.: **неје он Госпуд** (се однесува на докторот), **па да може душа да поврате** – текстот е забележан пред стотина години и тогаш помош за болниот барале со тоа што *ки гу миросе попут* или што ќе спие в црква; има уште и други празноверија: пр. земање на *света водица* или баење, или околу болниот ќе ставеле икони, евангелија и др. зашто, *само Госпуд може душа да пуврате* [ТГ,127].

пọврáти pf 'изблуе' (нешто што каснал) ~ *н'áкọј кýп се-скаршúл, лижéјќи мнóгу, мнóгу вр'áми и-се-истурúли парúти, се-рáскапáло тóа и-се-турúли, и-змúата, тáка, ќе-гăтне дестúна, петнáјси, и-ги-нóси, óди пред-врáтата и-ќи-ги-истýри, ќи-*

ги-по̀врáти и си-óди [ЛС(К),128].

повратја (са) pf 'се задржа некаде, се повртка' ~ *тогас му вели: "е, што сакаш сега мижде да ти дам?" Лудојут кату са повратја тамо, да види ништу да проси, му промина през окото една свиркичка* [V,PM,230]; и: **повр̆атја са** ~ *отиде, хизмиќар са чини на протудраку. Мр̆а време кату са повр̆атја таму, протудраков аскер, как гу видоа негу, ча појунак је от них, му рекоа на протудраку: "господар наш! Тој јунак, што са чини на тебика хизмиќар, да знаеш, ча теби ке да ти погуби"* [V,PM,73] – наместо форма за повикување среќаваме номинатив: **рекоа на протудраку: "господар ваш!"** .

повреви* pf 'поразговара' ~ *и тојнака отиде пред него и му вели: "џадо, добре вечер!" – "Дај Бог добро, синку!" – "Џадо, јазе дојдох при тебека това вечер, мр̆а да повревими, лаф да чиними"* [V,PM,93].

по̀вре́дин* adj 'позначаен' ~ *Не́ мо́жите да рабо́тите на Го́спот и на Џя́волот. За то́ ви ве́л'ам, ни́м да си у́мати: за ду́ша ви, што ки ја́дити, и́ли што ки пи́ити; ни́то за сна́га ви, што ки му ублéчити; не и по́вре́дна ду́шата уф јаде́нито, и сна́гата уф ублéклуту?* [MV(K),264].

по̨вто́ран та́тко m 'очув', в. **па́ра̨та́тко** [ЛС(К),94].

по̨вто́рена̨ ма́јка̨ f 'маштеа'; в. **па́ра̨ма́јка̨** [ЛС(К),94].

повто́рин* adj 'кога нешто се јавува по втор пат' ~ *да́ли си чу́ла, ра̨збра́ла,[от ќи тр̆ тéбе јустáва̨т,[оти не́ си ју́бава,[като пр̆а́вната годи́на,[и повто́рната нидéл'а?* [ИГ,107].

повр̆ник adv 'надвор' ~ *бабата кату и рекла, џја мома си и родила, тас вели на бабата: "сакин, бабу, повр̆ник да не си рекла, џја мома имами, туку џјате да велиш, џја мажот ми, ако дојди от хаџилик, та да чуи, јазе си загубем живот"* [V,PM,183]; и: **повр̆ника:** ~ *така сетне повр̆ника момата џјате го сториха* [V,PM,183].

повр̆рни* pf **'возврати за сторена услуга'** ~ *му вéли: "јунáк, ми́лин си́нку, ти́нака това́ добро, што ми направи́ на ме́ника, ја́зе не́мам со што да гу повр̆рна"* **[V,PM,23]**.

погини* pf 'убие' ~ *Ама си научих, ча на нејната земја има дефови, што чуват, та они можи нас да на погинат* [V,PM,44]; ~ *му вел'ат: "варај, јуначе, на ти таја тр̆јава и да поиш на нај-крајната удаја... тамо га најдиш ламјата... ако си има очите затворени тогас да не си приближил при неа, ча за ти погини"* [V,PM,220]; и: **погр̆ни** ~ *и тојнака на кон'у вели: "ке да ида през мори да зема Марковата керка, да га зема за жена". Тогас кон'у му вели: "тинака на моите греди да кладеш остра сабја, ча на средја морету има една стара Јуда самовила. Тјанака ке да курдиса купринена мрјажа, тебе да ти погр̆ни"* [V,P M,76]; ~ *гол'амојут му рече на татко му: "тати, јазика сакам да ида да си шетам твојта земја"... Татко му му вели: "синку, харну... но има ламина керка Цр̆нодреха, што е млогу страшна, та ми е страх синку, да ти пусна, да ти не погр̆ни таму"* [V,PM,50-51] – на уредникот на Зборникот (од Верковиќ) не му било познато дека во македонските дијалекти – оние што трпеле посилно влијание од балканската јазична алијанса, се среќава додаток за место без пред-

лог и затоа случајот: *да си шетам твојта земја...* во фуснота го објаснува вака: "повидомуму – *'шетам, шеташ, шета на...'* " [V,PM,51]; во врска со редоследот прави впечаток дека глаголот и кратката зам. форма се разделени со негацијата ('не'): **да ти не погăни таму.**

поглатни pf 'кога она што е в уста влезе во хранопроводот'; во случајот (fig.): 'нешто исчезне во некој отвор (дупка, гроб)' ~ *таму изл'азиу царјувата мома на врăх мајчин гроб, са поткол'ани и фатила да плачи: "Ах мале, мила мале! Стани да видиш, на што кучка маштеа западнах. По хубаве, мале, гробо-ти да си отвори и мене да ми поглатни!* [V,PM,275];~ *"имами тука у ѓол'ут една страшна ламја, та ката ден по еден човек изјава, да така на дава, по една стомна нал'авами". Тогас и тој вели на бабата: "дај, бабо, еден бардак да пода, да нал'ам вода". – Бабата му вели: "сакин, синку, тебе цал за ти поглатни". – "Нека ме поглатни"* [V,PM,221]; и: **погăлтни*** ~ *и тојнака тогас извади сабјата му, посечи рогови на еленот, и змиата заедноч гу погăлтна. Оно час змиата виде, на пăтју идиха едни л'уди, и му вели на човека: "покриј ми тука аф тиа шуми, да не ми видат"* [V,PM,80].

погленда pf 1. 'управи поглед' ~ *извадиха три харамије, да мо што му зема по малко крăв, и тројцата нос час са измрјали. Тогај хекимдаата му вели на царјут: "виде, царју, да ти зевах пешин на тебе крăв, иштеши да умреш"... му вели: ету на лиенот как пиши. Погленда царо в писмото: "дјушјун дајап!"* [V,PM168]; ~ *си фăрли уч'ит'а, пугл'éда на стрăш'та Алéксандрóту и вúд'а инó м'áсту млóгу хýбаву* [MS,t,60]; ~ *арисах си мома, мале,[јуд сред горна мала,[баш на лева страна.[Иди ми ја сакај, мале,[дал ки ми ја дадат,[ако ми ја дадат, мале,[постој, пуглидај ја* [ТГ,50]; ~ *дивојче јубаво,[седни де да пуседиме,[гледи да се пугледиме,[јоти ки се разделиме,[далеко ки си падними* [ТГ,100]; ~ *и сúчките отúдоха на хóро, и нáзи гиздавáта мóма и тјá дóјде тáм на хóру. И играéха млóгу кату на Вилúгден... И са евú едúн чјул'ак сас сúф кóн, дóјде фаф хóроту на срéде сас кóне... та пугléда фрéт хóроту* [V,PM,259]; ~ *дивојче јубаво,[седни де да пуседиме,[гледи да се пугледиме,[јоти ки се разделиме,[далеко ки си падними* [ТГ,100]; **2.** 'причува' ~ *вели на жена му: "варај, жену, динеска, кату немам кеф, нека дојди едната дивојка с мене на овците!" Да и зел и дивојката негова, отишли крај морету да и пасат. Он ја речи на дивојката: "да поглендаш овците! Јазе ки ходам тувана на едно село"* [V,PM,169] – уште еден случај на нерегуларност во употребата на кратките заменки: формата за директен предмет **ја** се јавува наместо дативната 'ѝ': **Он ја речи на дивојката.**

погледани n 'поглед', в. **пóглиндук** ~ *виде аф чингел'ут имаши обесана една мрăша от човек удран, млогу са оплашила и фатила да плачи ризико и да си кăлни дните и, што беши родена аф них. Тојнака, как га виде, така шо плачаши, га вели: "што плачеш, мори, така сос едно грозно погледани?"* [V,PM,63].

пóглиндук m 'поглед, согледување'; сп. **повтóрин пугл'éндувáни** [MS,-s,86].

пǫго́дин adj 'соодветен, она што одговара' ~ *и́ч не́ ме́-j пǫго́дин фуста́нут* (= ако не е добро сошиен); ~ *а́ма стjо́о* (< сте го) *пугуди́ли зе́то* – иронично 'ако не е соодветен според невестата' [ПК(Гър)].

погоре adv 'на повисоко место' ~ *се качих jоште погоре,[там најдех китка сминлова,[на китка вел'ам, гуворам: "Венај си, китка сминлова,[как што си вене млад Стуjан,[за Ѓурѓин Стојна Попува"* [ТГ,101]; ~ *уд-но́гу во́да шу-гриде́ла утплани́ната и му-гу-да́вăл дуби́тукут, туга́ сил'а́jнте зăфăти́ле дă-пра́вăт ку́jки нăкăj-плăни́ната. И сѐ идно́ по́го́ре пра́вăл ку́jка, де́ дру́к пра́вăл по́го́ре* [ДК,153]; и: **пугоре** ~ *сǫзе́ле ви́е две́те – мо́мта и ѓа́вăлут – а не́ гу-зна́е ва́ оти-е ѓа́вăл. И но́се, но́се уд-дека-уде́ле, пу-пăт пучна́ле пуго́ре дǫ-о́дăт пу-пла́нинта, пу-спили́jна, у-ка́рпи* [БМ(В),194].

погреши pf 1.'направи нешто што не требало, односно што не било разумно' ~ *И заеднош излезе и падна едно нешто от царицата, от крастот на дол човек, от крастот на гори змиjа. Тогас царицата рече: "Не е харно, човек на Бога да погреши, ча jазе са мол'ах, ченду да ми даде, та нека е л'ута змиа. Ету и Господ това, што саках, това ме даде"* [V,PM,276]; и: **пугре́ши** ~ *таап влега* (мечката) *нăтре и о́де дă-ли́же та́му. Во́ кă-ви́ди, ут-стра́, фа́ти дă-сă-бе́ре. Кă-сă-бире́ше, кă-сă-бире́ше – но́јсте си-и-бире́ше; пугре́ши – ба́м у́дри нă-то́ дăу́лут. И ме́чкăта, а́ко-е ме́чка а́ма зăиднăш сă-упла́ши* [ДК,142]; **2.** – **(сă)** 'кога некој има проблеми со здравјето' ~ *то: уд-но́го пе́jне, уд-нăсти́нка гре́здăво гувóре. Гъ́рлуту мо́-j уд-нăсти́нка, нăсти́нин и гувóре гъ́рличáво. З-е́jн Вили́дăн по́по са-пугриши́л, прави́ там слу́жбата, ама гре́здаф* [ПК2-(Грам–242)].

погрубе́н'е n 'чинот кога се закопува мртовец' ~ *де́тто си-кини́се, си-прăдъ́лже пăто, ви́ке: "Пу-два́ пу-три́ нă де́не". Стре́ште, пă нуси́ли не́куj мăрто́виц нă-погрубе́н'е. "У-у зăшо́ тăка́ ви́киш бе́, ни́а ади́н ва́дин, це́лто се́ло го́ре, ти́ ви́киш: пу-два́ пу-три́ нă-де́не"* [ПК,2(Крец –302)] – примерот **погрубе́н'е** укажува дека во југоисточните, како и во југозападните егејски говори се среќаваат глаголски именки од перфективни глаголи, образувања што не се познати во стандардниот јазик.

погуби pf 'убие' ~ *му рекоа: "господар наш! Тоj jунак, што са чини на тебика хизмиќар, да знаеш, ча теби ке да ти погуби"* [V,PM.73]; ~ *лалата сакаши да отепи филдишите да гу погуби авџиолиата и затова чиниши така* [V,PM,41]; ~ *и царjут послуша на керка му и утрината пуснал еден негов човек, ja зема нас мома и са ужени сас неја. Ама от мăра времја сетни заборавила, от каква сиромаштиjа ja покаци Господ... от млогу jадлива, што била, сакаши царjувата мома да ja погуби* [V,PM,275]; ~ *тогас мисинчината вели на неа: "е побратимко, и ти си хубава, и jазе и слăнцето и звездите, ама сега момата е нај-хубава". Тогас тja млого жална са вăрнала на дома ú и си чудиши, сос што тертип да ja погуби* [V,PM,213]; ~ *таргóвецо ви́кǫ: "Слу́шаj, ви́ǫ сти-сирóмаси л'у́ди. Ко́лку пǫри́ те́рǫти дǫ-ми-гǫ-прода́дити детéто". Он те́рǫ дǫ-гǫ-пǫгу́би,*

дạ-нé-му-гọ јáди имáнито [ЛС(К),107].

погул'ám adj 1. 'повозрасен' ~ *Катúнч'у му р'éч'и: "ти си пóгу-л'ám, јáс т'ạ ни стăпнувам т'é-б'ạ!"* [MS,t,39]; **2.** 'покрупен' ~ *сид'ăха сăс дирминц'úјата, си м'ăр'ạха пúлкат'ạ, кутráји пóгул'áма* [MS,t,78]; 3. 'поважен' ~ *úлим чýнким нé сти ут вóа сфéт, тукý јáс ви прибрáх на вáс ут сфéтут, зардú тóа ви пúзмат сфéтут на вáс. Да мúслити прикáзната шо ви рекóх јáс на вáс. Нé и пóгулém измúкáрут ут áгата нéгуво* [MV(K),-296]; ~ *и как заседнá, а викáл на дванáдесет, и вéли на нúх: Кój сáка да бúди прóт и пóгулém ки бúди ут сăти пóмалéчок, и на сăти измúкáр. И си а зél дéти, гу клáл уфстрéт на нúх, и му гушнáл* [MV(K),303] – уште една потврда дека остатоците од падежите кај заменките (прав и неправ предемет) се мешаат: употреба на **му** наместо 'го' (**уфстрéт на нúх, и му гушнáл**) ; ~ *на тóа врéми, а гледá И... на Исус шо идél кăд нéгу, и вéли: Ету јáгнито Господúноф, шо а кринáл грéхут ут сфéтут. Вóа-ј шо му рéкох јáс: úди чувéк пу мéне, шо и пóгулém ут мéне* [MV(K),309].

пóгун m 'мерка за површина на земја (= 1.600 м. кв.)' [ПД(121)]; ~ *земјăтă шо ă имă Постул имă 48.000 погујнă* [МЕ(Р),79]; ~ *лозјăтă и пчиничките сă рăботăт су кирија: 20 гр. лирă 100 погунут лозă* [МЕ(Р),-89]; ~ *Бужано, моме, Бужано,[Бог да јубије татку ти![што си прудаде чифликýт,[двеста погуна ливади,[триста погуна угаре* [ТГ,92]; ~ *младо си саках, мале,[лудо си зимах;[се пугудило, мале,[сè булникаво, мале,[сè булникаво, сè трискал'аво,[сум гу пуштила, мале,[на таја нива, мале,[девит погуна* [ТГ,141]; ~ *мójто тáтко и дéдо уд-зóр сă-избигáли уд-Нимáнци уф-Кýкуш. Тáма сă-живјáли áдно трú гудúни. Купúли градúна уд-двăнáјсе пóгуна. Сéтне лóзе си-купúли адно два-трú пóгуна. И пáрите са-ј-устăвúли кóга-ј избухнáла вујнáта. Пáрите сă-ги-закупáли уф-нéкуј тиникúј тáма уф–Кýкуш* [ПК,2(Ним-274)].

погăрмја pf 'од небото се слушна татнеж, загрме' ~ *и са небјéто заоблачи за да фáти дăш, и са залăска там на еднá бáрчúна, и са евúха два оганје и ... погăрмја оште аднăч по-сráшно, и вúде, чи адúна óган дúгна са, та пáдна фаф полéто, фаф адúн сác* [V,PM,261]; ~ *и тамáн агá бјéше на вратата на пештерéта, и нат нéк от гóре дójде другúе óблак и пугăрмјá сас óган, са фăрли грóм та пáдна та одáри змијéта* [V,PM,260].

погăрмјава* impf 'се слуша татнеж', в. **погăрмја** ~ *и при маглáта úмашја грóмуве нагóтвени, и кугá излéзеше от пéштерéта и погăрмјавашја сас маглáта. Једнăч, катó си л'úбеше гúздавата девójка, и си клáде главáта на скúта...* [V,PM,259].

под prаер 1.'укажува на положба кога нешто се наоѓа здола, подолу од даден предмет, односно од определена граница' ~ *ламјата кога му кажуваши на авџиолиата тиа лафови, он, што слушаши, под земјата што си чиниши, и чул* [V,PM,45]; ~ *фăрли тојнака онова кепету и са чини един гол'ам чадăр, штоту ги собра фрет под негу* [V,PM36]; ~ *кату хождаха по тук по там, излезоха на един друм, најдоха един камин голем мишанлиа; тамо имало и три пăнтишта. Царцките синуви збор чи-*

ниха и рекоха меѓу них: "ади браtја, да оставиме тука пот камин'ут нише прăстени и да земи секој по един пăнт" [V,PM236]; и: **пут** (со редукција на неакцентираното **о** во **у** и обезвучување на финалното **д**) *~ си-л'ăгнáле, утринтá пут-пéрницта нăjдéл двé лúри. Пучнáле пóбугáтичко дă-сă-ублéчувăт, дă-сăрáнăт. Вájн си-купúле нúвичка, ýтре кójнче, рáло и-тăкá пучнáле бугáти дă-сă-чинýват* [ПД,152]; *~ нé мóжи да си скрúи грáдут шо и узгóри уф плáнина, нúту кандúл'ут, ка ки гу запáл'ат, нé гу клáват пут сфитúлуту, тукý гу закачýат нáврас сфетúлуту* [MV(K),299]; *~ пот скáлата здигнá едúн мермéр кáмин мишанлúа... гу земá кл'ýчот и отворú неговата магазúа, штото била пот земjáта дéвет аршúна* [V,PM,17] – во случајот атрибутите што ја определуваат именката се поставени симетрично: едниот е пред а другиот зад именката (**мермéр кáмин мишанлúа...**), во истиот контекст прави впечаток дека во служба на атрибут се јавува именка: **мермéр кáмин** м. 'мермерен камен' – и двете појави се третираат за влијание од соседните несловенски јазици; **2.** 'упатува на површина што стои пониско од некоја друга' *~ да идиш праве л'у пот гората има широки ливади, при ливадите има чешма* [V,PM,42]; **3.** 'низ' *~ излезе куумциата... му вели: "што сакаш лудо, младо?" – "Ади да дojдиш да ми венчаиш, ча отидох, га открадох армасницата ми!" И тojнака му речи: "ади, иди си тинака, хазăр да си чиниш, и jазика сега ке да дojдам!" И куумциата, дур да закл'учи девет порти жележани, жената му пот лагăмот по-напрет отиде на зентjут, са чини нивjаста* [V,PM,70]; **4.** проширена употреба на предлогот **пут** наместо 'на' *~ нé те-j гнăс? Ќи тă дáам пут сăд* (= ќе те дадам на суд, т.е. ќе те тужам) [ИГ,120]; **3.** изр.: **пут кл'уч** (= кога нешто е недостапно, заклучено) *~ свăкăрвата тýк умрé. Пут-кл'ýч шó дăржише? Нúшто. Кл'ýчо-j устăнáл тáм, áко-j имáло. Нúй си-бигáме гóли, чúсто гóли. Ká дуjдéме тýка нă-дéтинцто пу-бунúшта сум-брáла вăлничка уткăдăjнте шó шуткáли, н-áдно тăквóво, кукурáткичка. Сăм вијáла вăлничка да-зăплéтум чурáпче нă-дéтто. А, тăкá мăка тигл'áме* [ПК,2(252)]; сп. поговорка: **сúф сукóл (сăлăп) пуд зéми лéте** (= дел од ралото што ја разрива земјата – паличник).

пóдалéку adv, орр. на 'близу' *~ и сă наближúле на сéлото шо сакáле да хóдат, па óн си разделýаши пóдалéку да си хóди. Да му паракинúсаа (гу кáниа на нéгу), и гу вéлеа: Сéди су нáс, éту замрáкнá, и пумúнá дéнут* [MV(K),334] – нерегуларност во употребата на заменките – формата за директен објект **го** наместо дативната 'му' (**гу вéлеа: Сéди су нáс** м. 'му велеа'); почести се обратните случаи: формата за дативен **му** во функција на прав предмет **го**.

подбие* pf 'повреди' – *русалијата* е вака облечен: на нозете има *пинци, чурапе* или *убијала*, коишто добро ќе му ги чуваат нозете да не му се *подбијат* од играње; потоа има *бели зиври* (тесни бели панталони, припиени до месото), над кои се спушта (од половината до колената) фустан со густи бори од *бочници* (парчиња од кои е сошиен фустанот), преку половината има *појас*, потоа *памуклија дулама* и одозгора **џамаан** или **купаран** [ТГ,224].

подвик m **1.** 'прекар'; **2.** 'навредлив

збор'? [MS,s,86].

пóдвара f 'млечен производ, не е од висок квалитет, нуз продукт – урда' ~ *цвúка сă-вúке тáа шó сă-цéде ут-сúрăнто. Тáа гă-пудвáрăт, пóдвара сă-вúке. Цвúка ќа: тýриш уф-бăкăро* (= котле), *ќа:-пудвáриш, ќа:-прăцéдиш. Сéтне пóдварта ќа:-искáриш, и н'а: ќа:-прáцејш и óна уф-цидúлка ќа:-тýриш, сă-чúне тáм. Цвúкăта сéтне гá:јре ќа:-шýтниш, шó ќи-ј-прáвиш, вóда стăнýве* [ПК,2(Пл–256)].

пóдвир m 'место каде што извира секогаш по малку вода' [ПД(129)].

пóди* pf 'појде, отиде' ~ *земáл сос нéгу и хизмиќарот му, вјáхнали на бăрзи кóни да пóдат на чýзда зéмја далéчна да продáват џифаúрите му* [V,PM,26]; ~ *дéтто гадáде чéшкăта. Удрúла-му адúн шăмáр, зéла-му чéшката – нé си зă-мéн! Бéге си-дéтто уттáм, стрáх мó-ј дă-н-гу-зăлóват, ако вúкне. И мóмта си-пудé дóма, дéтто уф-áнут* [ВК,282].

подин (< по-един) 'некој' pron ~ *кој хождаши на удајата му, го виждаши џунки пак тес троицата: единојут му беши кафеџиа, второјут сиизин, третојут ахчиа.... Тес троицата отидоха сега по чаршита да излăнжат под-дин траговец* [V,PM,177]; ~ *напослет кату идиши, го наи дјадото на пăнтјут, и му вели: "поможи Бог , дјадо! – "Дај ти Бог добро, чендо!" – "Дјадо, не си видел да проминат по-дниа л'уди оттука!"* [V,PM,179]; ~ *тосгас брат му му вели на лудојут: "сакин, брате, да не ги пусниш, зашто одол има базирґани, седјат, за уклавеш подин"* [V,PM229]; ~ *и она отиде да му вели на царјут: "тате, да дојди и калек да тја види, белки ки има подин л'ак да ти кажи!"* [V,PM,161]; сп. **подна** (= ниту една) ~ *бостанот са беши чинило кату мост; врăвјаха от врăх мостот кирации. Кату чу така големојут син, са почјуди и не можа да најди подна реч и тој да кажи* [V,PM,201]; ~ *влева нетри жената му, си заклушта нетри, са искри. Га дојде арапинот отвăнка, што да види: ниту алтуни има, ниту от жените му подна има, сал сандукот стои тамо* [V,PM,235]; ~ *тогај бабата го изважда нос ґавол от сандăко хем го пита: "е! стори подна работа?" И он ја отговори да ја вели на бабата: "е море бабо, де она е била халис кахпе!"* [V,PM,165] – формата за директен објект **ја** во функција на дативната 'ѝ': **ја отговори да ја вели на бабата.**

пóдлǫк m 'дупка на брегот од реката, под некој камен, односно под корен од дрво, таму се кријат рибите' [ЛС-(К),97; в. **пóдмăл**.

подлучено adj 'јадење што содржи лук' – на 1. јануари се слават заедно три празника: *Сурва, Св. Вашил' и Нова година;* навечер спроти Нова година дечињата со торби и со стапови се собираат во групи и почнуваат да одат по куќите, да *сурвескат.* Наутро сите одат в црква. За ручек се вари свинска глава со лук, *подлучена* [ТГ,23].

подмјáтка (са)* impf 'се фрла, скока' ~ *и кató отúдоха на чјол'áка дóмá мо, та кató флéзе чјол'áка домá си, флéзе и змиéта по нéк сас парúте; та като дúхашја змиéта, та от сúла от дошјáта на змиé децáта са подмјáткаха гóре фаф тавáне на кăштата* [V,PM,263].

пóдмăл m 'место каде што навлегува вода во брегот под некој камен

или дрво' [ПД(129)]; ~ *то́-ј ду́пка пуд-не́кој гуле́м ка́мин или дӑрво уфре́кта, нӑ-кра́јта, уф-по́дмо̨ло и́ма се́кој пӑт ри́би, та́м сӑ-кри́ит о́ни* [ПК,2(87)].

по́дница f 1'дебел сад од глина во кој се пече леб под врш̆ник' (во западните говори: **црепна**) [ПД(120)]; ~ *и тјанака, как чула, ча на татка и ке идат на гости, заедноч стана, цеа брашно чисту и месила каниската, сос млогу радост га испекла на подница* [V,PM,81] – посебност во редоследот на зборовите: атрибутот зад именката: **брашно чисту**; ~ *порӑнчеа, л'а́п да мјáси, да гу пе́чи, ама да е́ ниту пече́ну, ниту непече́ну... змејут каза на неја: "Как ки мјасиш, да кладеш подницата да са пали, и да гу покриеш л'апот от гори ки са печи, от дол ки е непечену!"* [V,PM,132]; 2. 'леб печен во **подница**' ~ *кату чу така старецот, имаши една подница л'ап сос негу аф тавлата му, му даде на човека л'ап, јади, колку што можа, подницата пак цјала си стоиши. И тојнака, кату си најади, стана му помогна на старицат, сече и тојнака мă̆ра от дӑрвоту* [V,PM,84].

подно̆ш adv 1. 'никако' (ниту еднаш) ~ *подно време имало една жена, штото са беши уженила, та подно̆ш не и родила и млого пожалена ходиши на земјата, зашто нема да остави и тја кату свјатот корин на нејно место* [V,PM,218]; ~ *по дно̆ времја един човек имал три синови, да и порӑнчовал на них ката ден, сос ќусе човек алишвериш да не прајат подно̆ш, зашто ќусето... дјаволчини има в него* [V,PM,201]; ~ *тес магаринта, как за ти а дам така без капистра, сал самарја да му сторйш еднош, да а работиш три година, да а мă̆нчиш много и подно̆ш самарите да не напӑлниш* [V,PM-180]; ~ *Отишел на кумшиата му, да си повидјат и му вели: "добар ден, кумшиа мој!" – "дај ти Бог добро!" – "Што праиш тука и ти подно̆ш не изл'аваш, да си повидиш сос свјатот?" Ја тој му вели: "немам работа вун, туку тука сјадја, продавам лафови"* [V,-PM,168]; 2. 'некогаш' ~ *тиа кожи, што са обесени сите са от хизмиќариту, штото ги питаши мајка ми: си научиха занајат и они вел'аха "си научихме". Тебе, ако ти пита подно̆ш, дали си научи занајат, ти да кажиш: "не си научих"* [V,PM,217].

подноќӑше n 'место на крај, на ќоше' ~ *ја текни на бабата да оди на куконата, плачејќе хем молејќе вели: "ох, ох! кокона! Јазăк си чини на мене, јаз ако фтесах, пак ти да ме простиш, ти са мол'а и клан'а! От пустото јангин ме и страх, алаисе да донесам един мој сандăк да го клада тука на поднокăше, дур да најда кăштјата* [V,PM,165]; Ст. Романски упатува на следнава можност – од: **подно** 'некое' + тур. **ќуше** (= кат, место во собата) [V,PM,555].

подо́лин* adj 'подолу поставен' ~ *и сă субра́ на сăти Хаха́ми и Грамати́ци л'у́ди, распи́таши на ни́х де́ка сă роди́ Христос. Они му кажа́ле: На Витлеем Јудејцка, о́ти така́ ј писа́но ут Профи́тинут: И ти Витлеем зе́мња Ју́даф, шо бе́беши на́јмале́чка и по́до́лна* [MV(K),-305].

по́до́л adv, в. **по́до́лу** ~ *сабајл'та ка́ стана́ли, на̨-дру́ѓут де́н, па́ ги-искáруват дуби́цте, по́до́л о́дăт*

тăкá. Глéде вăртат гувéта, глéдат аднó прăкăршăно мáче. Шăрéно мáче. И тăвá мáчто о-фáште устáпо, гу-клáве уф-цéбо [ПК,2(262)].

по́дóлу adv 'на пониско место' ~ *и вó óде óшче пóдóлу. Нăóѓа двé брáвја, кăту-що-му-кăжăла нéјнта мóма óшче прéт дă-ă-пýшче нă-гóрнăта сéмна, ăднó цăрну и ăднó бéлу. Е тó бúл – зă-цăрнуто áк сă-фáтиш, демéк ќ-óјш óшче пóдóлу* [ВВ(Кр),312].

подоста adv 'повеќе' – земјоделците, селаните, летно време, кога се оптеретени со напорна работа, легнуваат да спијат веднаш по вечерата, ама зимата по вечерата, *подоста са седе* [ТГ,22] – споменатава прилошка форма (*подоста*) регистрирана од Ст. Тановиќ (Гевгелиско) не ја сретнавме во своите теренски истражувања, ниту пак кај некој друг автор.

подпира impf 1. 'става потпора на нешто за да биде стабилно'; 2. 'навечер ја затвора главната врата од внатрешна страна со подебело дрво; дрвото со кое се потпира се вика *засомница*' (за *засомницата* има направено специјално место во ѕидот каде што тоа стои преку ден) [ТГ,304].

по́дпис m 'име и презиме напишани скратено, со сопствена рака' ~ *ами отúдоха, сéкој парúте, што длагóваши, му га дáдоха, и сéкој си земá пóдпис от негóвата рăка* [V,PM,20]; ~ *сăтнă тој зă тоăгăтă и утидă при царо, каза му, чи ќу утрăпă ламит'а, ако му дадă дăштарăтă си за жјăнă. Царо му сă фтаксал и му дал подпис, чи ако ги утрăпă, мутлак ќу му дадă за жјăнă дăштарăтă си* [V,PM,291]; ~ *царо зарадуван дал му подпис, чи, ако тарколи баиро, мутлак ќу му дадă ни л'у дăштарăтă, ал и друго, што иска. Чл'ако, като зăл подписо, утишал при баиро* [V,PM,289].

подробно adv 'кога нешто се прави во детали' ~ *и навăрвил. Като вăрвјал, срештнал го едно дјадо и го питало: "Каде ште идеш, синко?" Тој му казал подробно сичко, што је патил, и ќи вăрви да идjă при слăнцето да сја пита, што да прáви* [V,PM,283]; ~ *коа го видела жента сус толко шеове, са почудила и гу питала, ут дека зел толко пари? Он ú кажал подробно и ú рекал: "Оште колко друзи јајца ки снесе кукошката, ми нарăча, па да му и носум"* [V,PM,274].

подрукна pf 'извика', в. **порука** ~ *кату чу така тојнака от жената му, стана, отиде на оно место, дека га најде жената му желка, викна и подрукна, та излези на жената му лел'а и гу пита на негу: "што сакаш тука, господине?"* [V,PM,79] – уште еден случај на употреба на предлогот **на** како сигнал на директниот предмет: **и гу пита на негу** (се мисли дека се работи за аромaнско влијание)

подрум m 'просторија под куќата, ископана в земја – визба' ~ *Тáа нă-уфчáро, нă-брáто му-рéкла: "áс сákум тúа кутрúнта дă-j-дукáриш, ди-j-пумилýм мáлко". Тóо нăмужéл дă-j-скăрше атăро, óде дăзúме лéп и кутрúнта и зăкáрăве. Тáа ги-вăрsáла ф-пóдрумо и зăтнáла им ýште ус-бубáјк – дá нé слýшат* [ПК,2(228)]; ~ *тá кó гу-вúшла, димéк, сă-чудúла нă-шó дирицé дóшла. Кă нé-ќи-сă чýде – мăш му вéле, мăш. Арно ма, придă-стúгне вóа тáму, тúа бурúнта тúшлє тáму. И-зéва у-пудрýмите и-клáва тá* [ДК,133].

подрăнкува impf 'подсвирнува на жичен

инструмент' ~ *еден ч'ул'ак изл'авал много пăтjă на едно мjасто с трамбула, да си подрăнкува. Еднач, като си там дрăнкал, ч'ула го една змиjă и изл'ала да поиграjа* [V,PM,282].

подсмукуве* impf "ухну́ва" – сп. обичај: кога грми народот не јаде леб, а и на децата не им даваат да јадат. Магариња та и мачките ги третираат за несреќни (чифтилии) па ги бркаат далеку од себе. Кога ќе загрми силно луѓето се крстат и шепотат: *"Господи!... Господи!"* и *пудсмукуват* од страв [ТГ,432].

по́дăлбо́ко adv, орр. на 'плитко' ~ *муве́ле: "Флéзи по́нăстридú, о́ти та́м и́ма по́гулéми ри́би" Вăлко флизе́л и фăти́л д-о-влéче ќу́по. Ќу́по сă-нăпăлни́л сус во́да и фăти́л дă-гутéгле вăлко сé по́дăлбо́ко и по́дăлбо́ко. И вăлко а́-а дă-с-удáве, а́ма тéгле дă-тéгле* [ВК(Пат),286].

по́дăле́чко adv, орр. на 'близу' ~ *тоj зградичка нăправăна по́дăлéчко дéка живéе гулéмата, édрата сто́ка, уф а́таро на кăштта* [ПД...]; ~ *то́гăш една-змиjа уткăде-уфицéрут, ну́шлеста, сучучу́л' на-но́сут, заминá ут-то́ ка́минче на-дру́гту. И jа́с то́гăj привикáк: "Брé, една-змиjа му-вé-л'ăм!"... И о́ни са-заниáа скорудвájсăт мину́ти су-нéа, а та́ во́jската шо-бéше на́прит, прит на́с, о́тиде по́дăлéчко* [БМ(В),193].

поеде (се)* pf 'се изеде' ~ *закарали се, кој да земе по една от сестрите си, ашто ('зашто' !?) за секи немало. И толко се карали, дур штели еден на друг да се поедат. Тога Бог се нал'утил, та треестето брата дигнал горе на небето* [V,PM,266].

поеднош adv 'еднаш' (во случајот: по една голтка) ~ *и сватувиту за метнат дар; којто таткото, за метни алтун, на другите кој грош, кој ирмилик, спроти обичај. После това ки пиат поеднош от јуначката ракии и ки станат веки да си подат* [V,PM,245].

пожален adj 'тажен, загрижен' ~ *кату жал му падна, и станал, отишел у дома му пожален и на мајка му ја вел'аши: "мале, мила мале, динеска излезох сос јунациту и јазе да си радувам на џ'умбушут, но повики си пожалих, сиракот, зашто они си фал'аха* [V,PM,196]; ~ *така сиромахот са откина нос час от увреинат, да отиде у дома му пожален много и кахарлиа. И жената (му), кату гу и видела така пожален, познала ча кахăр има* [V,PM,193]; ~ *тáмо тéраши кăсмéт такá пожалéн сиромáх и си најдá тáмо édин богáт човéк; нá нéгу са ценú, биз да чúни нéкој пазарлăк. Гимициjата сéтни са вăрнá пăк nasat* [VP,M,108]; в. **пуж'а́ли**.

Пожар top.'падина, ниви' над с. Рупел, Валовишко; според Ј. Иванов: "од диј. **пожар** 'млада гора', за разлика од други говори, каде што со **пожар** се именуваат обично места опожарени случајно или намерно – при т.н. "огнено земјоделство" [**ЛИ,Им**...,174].

позабави* pf 'се задржа некаде, дојде доцна' ~ *ету јазика ке да идам на работа, тинака да сјачиш от сестрина ти мрăша една парча да готвиш да јадеми, та јазе ако позабавим, да не ми чакаш"* [V,PM,62].

позајмица f – кога на некој домаќин ќе му се соберат многу работи што не може сам да ги заврши тогаш тој повикува свои пријатели или роднини да работат кај него *на заим, пузајмица* (работни денови

што тој треба да им ги врати). *На заим* може да биде: *купајне* (пр. лозје), *прашејне* (окопување на *бубаќ* 'памук', *чиничка* 'пченка', *бустан*), *чиничка брајне, жнајне, сусам брајне, бубаќ брајне, чиничка л'упејне* и др. [ТГ,327]; в. **пузаиме**.

пóзарáна adv 'порано' ~ *и отишлú фаф Цáриградá. И едúн дéн тăj пóзарáна отишлú на еднó кафинé и зафáтили да си прикáзоват, и едúна рекăл: "Сjагá да е такăф цáрја, да ми дадé хил'áда грóшја и еднá халájтка, та да си úда"* [V,PM,253].

позборува* pf 'поразговара' ~ *сега ке да ти дам каршилăк за фчерашните две работи. На јукушут кога ми речи, да си вjахними един на друг, беши за да позборувами двата, дури да проминеми јукушут* [V,PM,55].

поздигни pf 'крене нешто, го стави на повисоко место' (в. **подúгни**) ~ *робинките вода налјаха; речи тја да ги поздигни стомните на рамо, пак те и вел'ат: "ми, мајсторко, при стомните приближаваш, да не падни от тебе некоја вăшка на стомните, речи, нетри, ча кралицата си угн'усова!"* [V,PM,195] – во контекстот како партикула за негација среќаваме **ми** (= 'не'), позајмена од северните грчки говори: **и вел'ат: "ми, мајсторко, при стомните приближаваш..".**

пóзивáр* m 'курир, тој што носи **позиви** (повици) за во суд и сл.' ~ *ójдéл да сéе жúто и на-жéна-му и-кажáл: "Квá ќи-дójди тáковóто, курúро, от-сăдо да-ми-вúка, ќи-му-кáиш, на-фил'áн нúвă сăм. Снóшти свáри ченúца, па-ójдé да-га-с'áj". Тój пóзивáро, ги-знајáл сúти м'áста, сúти нúвички* [ЛС-(К),123].

пóзиф m 'повик' (пр. од суд, од војска и сл.) ~ *вúка: "Дóбро. Едúн дéн' напрéд ќе-ми-кáжити, вúка, кóа ќи-ви-дáат пóкана за-сăдо, да-излéзете на-сăдо". И-óни пóзиф óти ýтре ќе-излéзат на-сăт. И-óдат кáо данéска, на-óната мукажýват рабóтата: "Утре излéвame на-сăт"* [ЛС(К),123].

позин* (чл.: **позинјут**) adj **1.**'заден, последен' ~ *стредин мигју* **а** *и* **ă** *повичкjă прилегă нă познjут* [МЕ-(Р),82]; **2.** 'растение што е засадено подоцна, се разбира и ќе зрее покасно' ~ *пóзна мисúрка* (= пченка што зрее касно наесен); ~ *вá гудúна пóзин мé-j фăсýл'о;* но **позни** можат да бидат и пилињата што се изведени не во пролет, туку подоцна ~ *тúа пúлчки ми сă-нájпóзни* [ПК,2(87)]; сп. уште fig.: *исéнцка јáрка, позна* (= се кажува за некој што е младолик); во [МЕ(Р),174]: = "послешниот".

позлатен* adj 'предмет врз кој има ставено тенок слој злато' ~ *óти ни е чjулéшта нáправа, ами от jýди, змúуве, што свéтешја конáку кату слăнце когá грéе от н'ákаде фаф нéгу. И на еднá óдае фнéтре úмашја злáтна суфрá и позлáтни стóлове* [V,PM,259]; и: **пузлатен** ~ *ка се вије, ка се крше,[куту прчка миндалова,[дури на којн не си вќаје,[на зингији не си стрпке,[дури узда не си држе,[седло му е шикосано,[зинќији са пузлатени* [ТГ,177]; ~ *не ми е жал от ти мен ме лажа, тук ми е жал оти не ми кажа,[тук ме лажа ду девит години;[ти ме тира уд Дунав за вода[а јас не знам Дунав дека тече,[јутад иде шајка шимширова,[јуф шајка си пиле пузлатено* [ТГ,199].

познава (и: **пузнава**)* impf **1.**'разбира' ~ *пл'унката га лижна, и си научил*

да вреви секаков јазик и да познава секаква вр'ава [V,PM163]; ~ *дојде времја, кобилата и родила мăско тајче, и бабата родила мăско дјате. И кату си нарастаха, штото рăжјаши тајчинто, познаваши дјатенто, што му велише* [V,PM,158]; ~ *пак тој познáваши, штó врéвеха, фатú да вúка: "скóру јадéни, ча óгладн'áх!"* [V,PM,24]; **2. 'знае'** ~ *дали си чул кога ми рече: "блазе ги ониа, што умрјаха, и тешку на ониа што са родиха, дур до век така да отиват!" Оно стар беши мој татку: он је, што познава сичките кăсмети... твој брат је роден... на прăмнојут вечир, как беши трапезата пăлна и неговата кăшта така ке да е пăлна"* [V,-PM,85]; ~ *Видéх, прăвидéх, нă-чéдо мéсто, шо вúкме нúа, дăдéх гă сéстрă-ми, дадéх-гу и брáтчито. Исчă-шá-га, учистú-га, тáм уф-Дójрăн. Нé-ј-пузнáм чувéците тáм уф-Дójрăн, сáмо и сáмо дă-ј-зéмат-ги* [ПК,2-(359)] – во контекстот е регистрирана една преодна фаза во врска со линеаризацијата: кога се чува стариот тип, т.е. кратката заменска форма е во постпозиција во однос на глаголот, но истовремено е регистриран и новиот тип, кога заменката е извлечена пред глаголот: **дă-ј-зéмат-ги** (<дă-ги-зéмат-ги); **3.** 'препознава, разликува од другите' ~ *кату́ кáк си дáл пувéла на нéго за сéкој човéк, и шо сè шо са дáл на нéго, да му дáди на нúх живóт ду вéка. Вáа ј на нúх живóт ду вéка, да ти пузнáват на тéб, шо ти си сáм истúнцко Гóспот, и на тó шо гу пуштú – Исус Христос* [MV-(K),261]; ~ *"он утúде на јабандá [на јабандá на чужбúна" [– "да гу видиш, мóри нивéсто [дал' гу пузнáвиш"* **(погрешно запишано: нивисто)** **[МЕ(Р),97];** ~ *т'á му вилú* (всушност прашува): *"да ја вúдиш', да ја пузнáш' пáк?" "да ја вúдим, ја пузнáвам!"* [MS,t,26]; ~ *вúи збурýваа мúгу нúх за сăти вúи шо си чинúле. Да тáму шо си лáфиа óни и си чýдиа, и вóа Исус ка си наближúй пуóдиши сус нúх; úлим óчити на нúх му са стимнúле да не гу пузнáват* [MV(K),334]; **4.** 'се гледа, се забележува' ~ *кандúл'ут, ка ки гу запáл'ат, нé гу клáват пут сфитúлуту, тукý гу закачýат нáврạс сфетúлуту, и сфéти на сăти шо сă уф кýката. Такá и вáшо вúдел да си сфéти при л'ýдито, да ви пузнáват вáши дóбри рабóти* [MV-(K),299]; ~ *ут млóгу вр'ăм'ạ с'ém-н'а фáти мумáта да сă пузнáва ч'ạ-ј т'éш'ка* [MS,t,84]; ~ *и когá дојдé на шеснáјси годúна, фати да са познáва, ча јé мóма. Тогáс царúцата вéли на нéја: "сúнку, áко познáј татко ти, ча си мóма, и тéбика и мéника ки нú закóли"* [V,PM,111]; **5.** 'има познанство со некого' ~ *куту гăски уф-мăгла, ни пăт знáјме, ни чувéк пă пузнáвме, дă-пúтме* [ПК,2(171)]; **6. – (са)** 'другарува' ~ *сă-пузнáвме* (= другаруваме, пријатели сме); ~ *тогас попот зема живата вода от дисакат, фатил, го умул на детенто по лицето, и детенто ужјува; санким кату спиши, така са разбудило. Фати попот да гу пита: "што праиш, бре синко?" И тој им рече: "ох, ва са мол'а, почекајти тука малко виа, да сетне са познавами"* [V,PM,226].

познае (и: **познај**) pf 1.'заклучи, сфати' ~ *кату позна́ сáм, ч'а ки ýмри, викнá детето покрáј нéгу и му вéли: "а бре сúнку, глéдаш ли, јáзе векú ки ýмрам"* [V,PM-7]; ~ *и рече:*

"Боже, мили Боже! Дај ме едно ченду да родја, и јазе да си чина мајка, та нека е л'ута змија!" От как царица са молила на Бога, не замина млогу времја и познала, ча остана трудна [V,PM,275]; ~ *л'у гу виде царјут гăлăбот, познал, ча има писмо, заедноч прострја рăката, гу фати гăлăбот* [V,PM,63]; ~ *мајка му, кату чу така от сина ѝ, познала, ча млогу мăка ке да тегли неин син* [V,PM,41]; **2.** 'се увери во нешто' ~ *прати едѝн човéк нéгов пáк да ги земи џифарџи́ите, да ги сăди пóфтор. Отѝде човéкот, ама кóгу ке да нáјди? Тогас кадиата позна́ нихната крѝвина* [V,-PM,9]; ~ *аф неговут таван, дека га имаши карагрошите, имаши тамо гн'азда от гарги без број; и тогас позна, ча наистина гаргите га износиха карагрошите* [V,PM,-40]; ~ *тój пузна́ ч'ạ т'éс пуртукáл'а, ш'у и́ма и т'éс калѝнка ѝј млóгу гул'áм ч'урбаџ'и́ја* [MS,t,86]; ~ *амá ина́ бáбич'ка ја пузна́ мумáта, заш'тó утѝва д'ăт'ạ пукрáј н'éја* [MS,-t,22]; ~ *кугá ги ви́д'ạ д'ăт'ạту н'ạш'тáта ги пузна́ и тугáс пузна́, ч'ạ на кш'énудóхину ж'ината-ј* [MS,s,92]; ~ *и брáт му óмус пузна́ ч'ýдбата, ш'ту му б'áш'и на н'éгу и му вилѝ ...*; сп. уште: *вилѝ на брáт-му: "пузнáвам, брáти, ш'ту и́ш'тиш' да м'ạ уклавéш'"* [MS,t,48]; ~ *Дуовнико му риче оти за него нема пруштавија, ама нека гу уставе воја занајат, нека са моле на Госпут, па може ки му просте. Тоги арамијата гу запитал: "Ими как ќи пузнајум оти ќи ми са простат?"* [ТГ,146]; ~ *тóс манџ'ó на нáс иґýпката пузна́, ја присл'ăди, пузна́, ш'тó за сă уб'ăси* [MS,t,53]; **3.** 'разбере' ~ *дујдé и тó шо зé иднóто карагрóшот, ричé: Афéндо, ти пузнајáх на тéб шо си идéн скрѝвин човéк, жнѝиш дéка нé си сиáл, и избирýаш дéка нé си давáл* [MV(K),271]; ~ *да му ричé: А лóшо измиќáр и тешковѝт', ми пузнајá ти́ на мéн шо жнѝјам дéка не сијáх, и приберýам дéка нé сум дáл, требýаши и ти́ да гу дáдиш на сарáфот мójто злáто* [MV(K),271]; ~ *момата позна работата, че беши нејн пăрв л'убовник; ак фатиха да ја венчат, тја и рекла на тамошните: "ми са рашетува"* [V,PM,239]; ~ *цар'ут, как ги види, са почуди и тогас позна, как óнај сиромах беши млóгу прав човéк* [V,PM-32]; ~ *ама Гóспот позна́ нéговата клéвета, и затовá на сред'á пăт'у си заоблачѝ небéту, вати тéшко да грами́* [V,PM,16]; ~ *фати́ сос нéгу да си борѝчка тăкму трѝ дéна и трѝ нóќа, дýр вéки хајдýтинот амáн му речé: "бráте, познáх, ча си по-јунáк от мéника"* [V,PM21]; **4.** 'препознае (пр. она што порано го познавал)' ~ *и царско бостанџијче му кажа: "ки ти питам јаз пишин да ми кажиш и напкум јаз ки ти кажам; разгледајте ми на мен и конѝут, ки ми познајте?"* [MC(B),94]; ~ *га тури хизмет да чини и, кату са врат'аши толку време таму, мајка ѝ не можа да га познај* [V,PM,36]; ~ *отворѝ тójнака вратáта, влéзоха нéтри сѝчки и, когá видóха, сéкој си позна́ имáниту и си гу земá* [V,PM,22]; ~ *кугá ги ви́д'ạ д'ăт'ạту н'ạш'тáта ги пузна́* [MS,t,12]; ~ *а-видéх Дéжда вáдăн, ус-аднáта нóга уфгрóп éј, ќ-умѝре, нă мужé дă мăпузнáа* [ПК,2(205)]; ~ *ги разгл'éда ш'ѝч'ки кóн'у и гу пузна́ нóс, ш'ту му дáди фармáјќ* [MSt,61]; ~ *вадан*

она са мăжуве,[... и си срите малко дете:["А бре дете, мало дете,[земи си гу воја прстин,[и гу носи на нивеста,[да и гу дадиш ф нејни рăци!"[Ка си виде млада нивеста,[ка си виде златин прăстин,[видуваќи гу пузнаја,[и што веле на сватуве:["Еј сватуве, мили братја,[мојут мăж си је дошал, ој" [ТГ,335]; ~ *мо́лис гу ви́д'ạ ... гу пузна́, ала́ д'ắ-ду-му ни муж'ắш'и да гу пузна́ј н'е́гу* [MS,t,87]; ~ *та́м ни муж'а́ визи́рину да пузна́ј ш'то́гуди, до́јди на го́р'ạ, гу на́јди ста́рију и му р'е́ч'и: "кали-ме́ра!"* [MS,t,40]; **5.** 'осети, забележи' ~ *на две џангали гу пристигна ламиниот бăрзоходеца и кату тихни ветир му грабна капата, без да познај тојнака* [V,PM,46]; ~ *и тјанака му даде вода сос сребарн ибрик, си напи. Тогас га вели: "идиш ли, дивојку, по мени, да ти земам за пăрва л'уба?" Тјанака му вели: "јазика хазăр сам за тебика, ам аку ти познае татку ми Марку, и тебика и меника ќи ни погуби". Пак тојнака га вели: "ела тинака сос меника, та за то гајле ним бери!"* – уредникот на Зборникот (на Верковиќ) формата **ним (за то гајле ним бери!)** погрешно ја објаснува, во фуснота, како "нему" [V,PM,77], фактички се работи за редукција од 'немој'; инаку **ним** е нашироко позната во долновардарските говори, а "нему" ја немаме сретнато; **6.** 'откриe' ~ *кога́ чу́л ха́рно, не́три аф мо́мин куре́м жа́би удре́виха, но не позна́, ко́лку жа́би и́ма: една́, или две"* [V,PM,29]; ~ *обложили ја, и тој му рекал: "Ако познајăш ти, от што је този даро, јаз шта ти дам и нег, и фрет стокăтă си, и женăтă си!" Евреина рекал: "Јаз, ако ни познам, от што је, имам три хазни, шта ти ги дам!"* [V,PM,283]; ~ *цар'увата мо́ма и́маши ста́р мара́з: не́кој хикимџи́а не мо́жиши да позна́ị што́ мара́з бе́ши* [V,PM,29]; ~ *"ќи-а-зако́л'ăм во́шкăта, ќи-а-уде́рăт, ќи-мă-а-изва́дăт ко́жта, ќи-а-убе́сăт на-по́ртта, и не́ка вăрве мла́ди́нта и кој ќи-а-пузна́е ут-шо́-ј ва́ ко́жа ня тọ ќи-би́де ќе́рка-ми"* [БМ(В),194]; ~ *ка ми видеха, што водих харамијата, емен го видеха, го познаха – го имаха кăрстен* [МС(В),91]; **7.** 'прифати нешто како реалност' ~ *и́дести са́мо на́ пăрвиј гимџи́а, му ве́ли: "те́бе, господи́не, ки ти по́зна за та́тку; ти са мо́л'а да ми зе́миш, да ми отне́сиш на не́кој дале́чно ме́сто, да си џа́нем на́ не́кој чове́к"* [V,-PM,108]; ~ *царјут поверува харну, ча тој е негоф син, гу зема заедноч, гу облечи сос царски дрехи и му вели на лалата му: "еј лала, иди на дома ти да чиниш зап твојта кубила, да си чинам зап мојто жрјапче!" И така лалавата мома остана посрамна, пак младоту халваџиче царјуво дете са познало* [V,PM,58]; **8.** 'различи едно од друго' ~ *му вели: "имам 40 кубили и 40 жрјапчита. Кој ки можи да ги познај, котриа са по-големи и да ги вразе на рет, на негу ки га дам момата ми!" Фатиха сичките јунаци, си чиниха, не могли нити да ги познајат, кои са по-големи* [VPM,97] – во текстот повторно се среќава архаичната заменска форма: **котри** (*котриа са по-големи* = кои се поголеми); **9.** 'запознае' ~ *и о́де то́ џа́рут та́му па́ нă ло́ф, па и нăо́ж-ца. Му-ве́ле џа́рут нă-ти́а де́цăта: "Ја́с са́кăм дă-вă-го́стăм, дă-că-пузна́м су-та́тку-ти"* [ДК,114]; ~ *о́де му-ве́ле: "Та́те, та́ка и та́ка џа́рут ни ре́чи. Са́ка дă-нă-го́стăт, дă-că-пузна́е су-те́бе"* [ДК,114]; 10.

'доживее некоја пријатност' ~ *Мајкта, мајкта, ви́ке: "А, мăр ќе́рко де́к ќ-о́јш ти́ па́ пу-не́го?" "Е, мајко, о́н шо́ и́ма му-да́вите, шо́ не́ма не́ му-да́јвте". "Шо́ са́ке бе ќе́рко?" "Да́јт-му, мајко, ут-ти́ѧ зла́тните пăрстине, еди́н, и о́н дă-пузна́а не́што"* [ПК,2(Ним–263)]; сп. изр.: **шо́ живо́т пузнаја́х сус не́го**!? (= немав среќен живот со тој човек) [ПК(Ним)].

познание pf 'сознавање, препорака' ~ *и кату влезоха на конаќут, и кату виде дјатенто тамо царјут, да рече му на змѧата татко и́, тос си оплашил млого. Змијата му вели: "варај, јуначе, што толко са си оплашил?" Му даде познание на татка и́, за да го приземи дјатенто сос голема слава* [V,PM,181].

пои (и: **пое**) impf 1.'дава вода на животно да пие' ~ *прăста си кăрша – кăргу́ј гу ра́на[сăлsи си ро́не – кăргу́ј си по́ја* [МЕ(Р),93]; ~ *пла́шта чов'а́к, едико́јси ве́чар, о́н ќи-задо́ци,... зас'а́да, пуси́ѧ. Ква-ќи-до́ј чов'а́к, ко́нито да-ги-по́и, у́дри на-куришу́мо, да-го-от-е́паш* [ЛС(К),109]; ~ *е, сă-чини́л ади́н а́т. Оде ба́ба́та дă-о-по́е ве́чăрта, ри́тке, ско́ке, г-а́пке нă-ба́лта зăгăрбо, зă-ра́јте* [ПК,2(Ним-269)]; ~ *дурде́ бе́х мла́т и врăтја́х ка́минот да ме́ли водини́цата, бе́х ха́рин, и ме зо́беа, и ме по́иха, и ме́ че́шеха, а́ма сега́ остарја́х; е́ту ме извади́ха ту́ка на снего́ и на́ сла́ната, ќи у́мрам от гладна* [V,PM,138]; ~ *се́тн'и спригна́х, ура́х, испучинува́х, ми-са-прија́ди, запре́х уло́иту сидна́х, си-наја́дух, па́к ура́х, се́тн'и г'и пусти́х уло́иту на-пла́днина, па́к г'и-паси́х, ути́дух на-ре́ката г'и-по́х* [ВБ(Нег),339]; **2**.fig. 'дава во изобилство пијачка (ракија, вино)' ~ *и така оној вечер ги гости, ги пои ха́рну; утрината станаа царските л'уди, фатиха тил'ал да вика* [V,PM32]; ~ *за* **гуле́мјут ни́шан** *дуjдеа па́к то́г'иска о́сум ду́ши: све́курут, ву́јќото на мо́мчто, ...и дру́зи ни́јни рудни́ни, бăрче́дăвци. Но́саа пе́чăво, ри́ба уф та́ва. Дунсе́а ви́но, рики́а, сă густи́а, сă пуи́а* [ИГ,116].

поизгоре adv 'на повисоко место, погоре' ~ *поизгоре отиде, гу пастрите Сечко и му риче:"Поможи Бог, ќаа!" – "Дај Бо добро! Ут дека ма знаиш, от сум ќаа?" – "Ти имише, риче, девит ил'ади офци, јас флизех, ти утипах три ил'ади"* [V,PM,293].

по́ирба́п adj 'снаодлив, (по)итар' ~ *на́јнăса́ди ути́шăл е́н-ма́ле́чќут... Ина́пкум куту-по́ирба́п гу-нака́рăве и-не́го да-ду́не. Во́а вика́л: "Го́стто не́-ду́ат". Ко:-că-навиде́ла, а-удри́л ус-са́бјăта и дву́јцăта бра́тја испăдна́ле уд-не́а* [ВГ(Ѓав),274].

поиска* pf 'посака' ~ *вечарта пил с нејă вино и, като штjал испијă виното, от устăтă му затичали алтанjă (жалтици), и сја чашата напăлнела* (погрешно пишува 'нанăлнела'). *Проч'уло сја дур на царја, та и неговăтă керкă поискала да идjă и утишла* [V,PM-285]; ~ *и богатио и му дал толку, што поиска златаринот, хем му порăнчја: "ама да го сториш дјушјун дајап"* [V,PM,168]; ~ *нашел тамо двете овци, спроти как му каза нај-малката мома; отиде нетри мрачива, вјахна чарната овца, отиде на долна земја у една стара баба на гости, поиска тамо вода да попие* [V,PM,221]; ~ *та му да́л ќосе́то пет ко́н'а на́това́рени сас што поискал, и, като сти́гнал на кра́ј море́то,*

натýрил по сýхо пченúцата, медá, просóто, пак кóнете сосjáкал [V,PM,258].

пóишче* n, dem. в. **пójăc** ~ *станáли и са кинисáли. Стигнáли дo едúн бунáр': га-вăрзáли с-пóишчето и га-пуснáли на-бунáро. Тój отúде на-дóлна зéмjа* [ВС(Кал),337] – имаме проширена употреба на предлогот **на**, кога упатува на внатрешност, наместо 'во': **га-пуснáли на-бунáро** за ова поопширно во граматичкиот дел.

пój (< појде) pf 'отиде некаде' ~ *пулéк, пулéк си дójди и тój думá; дур да си пój тój думá, цáр'у си бúш'и уч'ел пóнапр'ăт* [MS,t,35]; ~ *"и ш'то прáви там нác мóма?" – ja пúта бáбата; "мумáта тáм jад'é, пúj сăс измиќáркит'ạ, ни мóж'и да пój пуидúн нúту пúлă биле"* [MSt,21]; ~ *за усăмни, за стáни да сă мýj, за пúja кафé, за ид'é л'ăп и за пój пák на враш'úлуту* [MSt,67]; ~ *"jác за ти дăм ш'ич'куту имáни и на т'é-б'ạ за стáна измиќáрин!" и трăгна да пój на ч'уфлúќут* [MS,t,70]; ~ *"да му ни фт'éсаш' на тáтку-ти, да т'ạ пукалн'é пак да стáниш' магáр'ạ!" – и гу устáви да си пój* [MS,t,55]; ~ *идúн д'éн' мéч'ката, кугá исл'áваш'и за да пój да брка jáдини, му клáваш'и и-нá рóпката на устáта, идúн гул'ăм кáмин'* [MS-t,16]; ~ *му вели: "áди сега, долу на чаршиата са продава еден безистен: да поиш тамо, да го артирúсаш, колко можиш, та да го земиш!"* [VPM,162]; ~ *визúрину з'éва кóн'у, з'éва и идúн дисájќ лúри, трăгнува да пój да пúта да сă науч'и́, дójди на крајó на с'éлуту* [MS,t,40]; и: **поди** ~ *истом веке дошли на стреду морету, тогај чилиби Теодорак си содрузова нејнот кораб да ја пусна на морету самичка, хем ја вели: "ајде с здрави л'убов!"... Тогај невеста фатила да плачи и да му вели: "аман! Де да пода сега јаз?"* [V,PM,166]; ~ *тја му и рекла: "остави, сину неколко пари". Детенто ја вели: "дај ми ги, мале, да подам јазе на панагирот, белке Господ даде по дно касмет на мене"* [V,PM,172] – и во двата контекста (последниот и претпоследниот) имаме примери за употреба на кратката зам. форма за директен објект **ја**, во функција на индиректен: **ја пусна на морету самичка, хем ја вели; Детенто ја вели: "дај ми ги, мале"**, и: **појде** ~ *појде лудо с-една риза грозде,[појде младо с-една риза грозде,[да излăже мома црнајока,] да ја носе јуф гора зилена,[тамо они век да си векуват* [ТГ,51]; ~ *појдох си појдох, мила мале,[на шарена чешма,[тамо си најдех, мила мале,[једно дивојче,[једно дивојче, мила мале,[скопско јабулче!* [ТГ,197].

по-јунак m (adj) со значење: 'појуначен' (степенување на именка) ~ *вéки хajдýтинот амáн му речé: "брáте, познáх. ча си по-јунáк от мéника"* [V,P-M,21]; ~ *колку беши јунак личин, појунак и по-личин са чини* [V,PM,-47]; ~ *си-бúле нéкој Ѓýптин и нéкој змéх. Сакáле дạ-се-надúтрạт и дạ вúдạт кój ќе излéзе пójунáк* [ВГ-(М),272].

пójýс adj 'поспособен' ~ *сă-стурýве аднó прóсо. Ут-прóсто сă-стурý-ве адна квáчка. Дéтто сă-стурý-ве адна лисúца, квáчкăта и пúлцте дă-j-изéде. Дéтто пójýс испаднá уд-учúтăло, арáпино* [ПК,-2(Ним–254)].

пójăc (и: **појас**) m 1. 'материја, шарена, ткаена во вид на лента, *ус-пójсут си-j стéгăт пулвúнте*' ~ *тогас и*

тој, кату зема свирката, ја бодна на појасот, изл'азн дол на земјата и нал на пăнтјут еднн гранчарин сос петнајсет добици [V,PM,230]; ~ *и сă крăстаа сăти на Јордáна рéка ут нéгу, ка си-спувјидýваа грéхо-ви. Јоáнн бéши убличéн ут влáтно камúлцко, и пójас уф кóжа на пулувúната, и скрáпли јадéл и ут дúви пчéли мéт* [MV(K),307] – во југоисточните говори во употребата на предлозите среќаваме голема нерегуларност, во случајот предлогот **уф** се јавува наместо 'од': **и пójас уф кóжа на пулувúната** (наместо 'од кожа'), за ова поопширно во граматичкиот дел; ~ *и зел хизмиќáрја еднá акóла книга та е напăлнил фсé нýли, и зéл еднá кратýна кóлко еднá окá да берé, запáсал е на пójаса* [V,PM,256]; ~ *на пăтут те стрéјќам, Нéдо, глáва измијéна [глáва измијéна, дýшо, фýрката јуф пójас* [ME(P),99]; ~ *Кá сă-предéли? Е, фýрката тé-ј тýк-тăкá зăбóдна, нă-пójсо и ќи-мăкниш нúшката; тýк ќи-вăртиш тăкá и ќа:-завúјш нúшкăта* [ПК2(Пл–254)]; ~ *"Богме Митро, ќучук Митро,[не сам нашал срма кулан,[ако најдех па те лăжум,[куту него да са чинум,[на твој појис да си лежум,[тенка снага да прапашум"* [ТГ371]; **2.** 'тесна ивица од земја' ~ *óјше сè пу-úвицта, пу-пójсут...*; **3.** 'делот каде што завршува грбот, половината' ~ *ду-пójсут сă-рăзгулúл* [ПК(Гăр)]; ~ *сос бабата на пăтју как идиха, имало една река да проминат. Бабата кату беши биз гашти, здигна дрехите си нагори каде појасо, тојнака "тутуч" речи, и си закачиха* (пишува: 'закичиха' – печатна грешка) *дрехите и на појасот: бабин гăз на мигдан остана* [V,PM,98]; ~ *тамо, дека врјавиха тос лаф, ету на пăнто беши изл'ал еден стар дјадо сос бела брада до појас, му вели на Гăрците: "со здравје, мои сина, дека сторихте ниет да појте"* [V,PM,179] – нерегуларност во употребата на множинската наставка **-и** кај едносложните зборови; сп.: **мои сина** (место 'мои синови'); **4.** 'виножито, божилак' (освен **појас** со исто значење во Кајларско: **вино и леп** [ДК,105]; (рус. радуга); **5.** 'поколение' ~ *áс му-сýм пăрá-дéдо нă-тúа дéца, нýци и óна-ј пăрá-бáба, ут-нýк нýк, трéто кулéно, три пóиса* [ПК,2(243)]; 6. 'долги греди, вградени во ѕидот на куќата' [MS,s,86]; **7. Св. Бугуројчин Сребрин појс** – реквизит на црквата во Гевгелија. Под истото име има и празник, но не е "тежок" и сите работат. Тој ден пред да изгрее сонцето децата што се болникави (*маразливи)* ги провлекуваат под *Бугуројчин сребрин појс*, како што рековме тој е црковна своина, и за "провлекувањето" се наплаќа, иако не е скапо [ТГ,75].

показа (и: **покáжи**) pf **1.** 'даде на увид' ~ *"Мóре мáни, викáл, дă-шó пáри збрáх дудéка бјáх ќóруф. Сè сивúкаx: дájте-ми пу-ăднó, пу-ăднó. Они пу-нóго ми-дăвáли. Шó пáри збрáх!" И-му-пукáже пáрте ут-цáро, ут-тúй л'ýјгето мóсто шо-гăрдúли и ут-тó: шо-прăвúл вудăнúца* [ПД,167] – употреба на перфективен презент: **и-му-пукáже пáрте ут-цáро**; **2.** 'упати' ~ *куумџиата, кату чу така от жената му, поверува ча млогу верна е жената му-ј и како не чини кабул чузди мăжи, макар и да са нај-харни и нај-лични на светут. Тогас млогу фалби показал каде жената му оно вечир, вечераха сос радос* [V,PM,68]; ~ *"Кá ти-вăрве, сúнку, урájнту?" – "Ми-спóре дéду,*

но́гу ми-спо́ре: зӑ-де́н изуру́вам две́ пургóни!" – "Арну, че́ду, а́рну! А ми-ко́j тӑ-нӑучи́ тӑка́ спо́рну дӑ-о́рӑш, си́не? Ура́чут убӑрна́л о́чи нӑ-не́бту: "Го́спут, де́ду, Го́спут мӑ-нӑучи́: о́н е-вре́дин зӑ-сѐ не́шчу. И а́дну-ста́ру ка́ту-те́п ми-пука́жа́ [ВВ,310]; ~ *"Ама́-ка́ сӑ-нӑучи́ са́мӑ, бре-ке́рку?" – му-ве́ле Го́спут, зӑ-дӑ-му-упи́тӑ у́мут. – "Ет тӑка́: са́мӑ са́ми́чкӑ ка́ту-мла́дӑ ни-висти́чкӑ", му-ве́ле па́ ва́ будӑла́тӑ. – "Ама-ни́куj не́-ти-пука́жа́", му-ве́ле па́к Го́спут. – "Ех и ти́, ста́ру-а́ру! ти-ка́жа́х: сти́га ви́ке ми-збуру́-ваш: дӑ-нӑ-ми́слиш пӑ-о́ти ти́ мӑ нӑучи́?"* [ВВ,310]; **3.** 'докаже' ~ *богатиот фати сега сос негу да са цинглештисува, за да му покажи истината, за која причина требува ногите да имат човеците на поихтибар, а не главата* [V,PM,66]; **4.** – **(си)** 'се потврди' ~ *тогáс тój, за да си покáжи, ча тój га чини́ тája рáбота, и́м ве́ли на они́ja чове́ци: "ви са мо́л'ам, не́ка и́ди еди́н чове́к да ви́кни комáбашијата"* [V,PM,22]; **5.** – **(си)** 'се претстави' ~ *и тój му ве́ли: "áх, господа́р мój, мло́гу добро́ си чини́л на ме́ника, и́ jа́зе вреде́н си показа́х на ма́тимите ми, у те́зи учи́лишта свӑрши́х"* [V,PM,150]; ~ *(от сиромáх, што би́ши), кáк да си покáжи заедно́ч богáт, чини тáквá еднá дипломáтика: казá, ча и́ма брáт на Стáмбол* [V,PM,18]; ~ *та зел ќосе́то на де́тето дре́хите и ко́н'а и, като́ стигна́ли бли́зо при́ касабáта и фл'а́ли да посре́шнат на визи́рја де́тето, показал са ќосе́то чи тój му е си́н* [V,PM,257].

показу́ва (и: пукажуве) impf 1. 'посочува нешто' ~ *и му показу́ва плóчата, што бе́ши та́му покра́j не́гу;* **2.** 'става нешто на увид' ~ *отворил најкрајната врата, тамо го нашал педа човек лакут брада, гу удире сус калáчката му, а сече главата, а покажува на момите. Они фатиле да са радуват, зашто ного и мáчил* [V,PM,271]; ~ *кáвиџи́цкио си́н и́чгу-не́ма, о́н че́ка да́тта, а о́ни еди́н де́н по́ра́но прáстигна́ле. Утринта́ о-курди́сува пăрăхо́до, зла́тнио пăмпо́р, стигну́ве де́но, ги-пука́жува пăри́те, гă-зи́ме цáрскăта мо́ма зă-же́на* [ПД, 151]; ~ *едну-вре́ме цáрефта ќе́рка си-фати́ла еднаживути́на на-гла́фта, во́шка. И, та́, во́шкта ма-а-пука́жува на-цáрут, та́тко му: "от та́те, jа́ шофати́х!"* [БМ(В),194]; **3.** 'станува јасно' ~ *сă-пукажáхте какви́ сте* [ПК(Гăр)]; **4.** 'претставува' ~ *му вели на Мајдона: "Мајдон, от тебика сакам да идиш, от протудраку кон'ут да ми гу докараш! Аку не, главата ти земувам!" И тојнака рече: "ба, царју, от мени да гу земиш!" Фати векu Мајдон да са покажува јунак прет царјут* [V,PM,74].

покаи (са)* pf 'изразува жалење за некоја постапка (недобра) што ја направил' ~ *Зашо такá вáшо Дидáскало сéди су имрукчи́и и су гре́шни л'у́ди да jáди су них зájно? Исус ка слушá му ре́кал на ни́х: Не́мат касаве́т здрáвjити л'у́ди ут икимџи́ата, туку́ бóлнити шо ле́жат уф пусте́лјата... о́ти не дуjдо́х ту́ка jáс да канам на прáвинти, туку на гре́шнити да сă пукájат* [MV(K),300]; ~ *и тојнака, кату виде векu злоту се́ по него ходи, са покаја* [V,PM40]; ~ *о́н па ре́кал: Ни́м, Та́тко Авра́м; туку́ аку́ да о́ди не́кој уд мăртфити на ни́х, ки си пукájат. Да му ричé на не́гу: Ни́л на М... и на Пруфи́тити не слу́шат, ни́што ут мăртвин не́кој да стáни, не ки*

му слу́шат [MV(K)274]; ~ *ричé: Ти сă пукајýам, Тáтко, Стопáн на нéбито и на зéмнјата, шо си а скри́л ви́а ут книгувúти и разбрáни л'ýди* [MV(K),324]; ~ *тогáс момчéту му вéли: "хáрно вéлиш, цáрју, амú мáјка ми, когá бéши трýдна сóс мéни, зашто ја си изгони́л, зашто прăдúла пред тéбика?" Катý чý цáрјут такá, záеднóч са покајá и пýсна пák човéци. Га земáха царúцата, га докараха нá нéгу... и си чиний рáдост* [V,PM,154] – како посебност во линеаризацијата се забележува следното: глаголот и кратката зам. форма (за директен објект **ја)** се одделени со формата на помошниот глагол (**си**): **зашто́ ја си изгони́л** (во стандардниот јазик: 'зашто си ја изгонил').

по́каңа f 'званичен повик' (пр. за свадба, за суд, за војска и сл.) ~ *дéлто и Тóме сă-знаја, óни. Тóме óш нă-нидéл'та ни-ддé пóкаңа, дój-ме нă-свáдба, ут-тáм, кăд зéто. Тýка сúно нé нă-сáке, нé нă-канú нă-свáдба, ама свăтúната ни-пущú. Ошт пундéлникут дујдé прет-свáдбăта* [ПК,2(Иц-188)]; ~ *вúка: "Дóбро. Едúн дéн' наңпрéд ќе-микáжити, вúка, кóа ќи-ви-дáат пóкаңа за-сáдо, да-излéзете на-сáдо". И-óни, пóзиф óти ýтре ќе-излéзат на-сáт. И-óдат кáо даңéска, на-óцата му-кажýват рабóтата: "Утре излéваме на-сáт"* [ЛС(К),123]; в. **пуканувачка**.

покачи pf **1.**'кога нешто од пониско место се стави на повисоко' ~ *и тиá, като́ рéче такá сина хи, са зарáдува и му отговурú: "Шта да прéспем, чéду, л'у ма óжени". И тój е зимá та е покáчи на вечертá, кугá мăркнá, на керамúдите и хи вéли: "Сéди сéга тýк да сáмне, ако си жјува, шта та óженем"* [V,PM,264]; **2.** – **(ја)** ~ *тога утишал дома си, жената му го питала, де је бил толко години. Тој хи рекал: "Јаз си бех тук и ката ден си та гледах от кавакă през гн'аздото: четри години бех чаплок". Тја му сја за този присмјавала и ни го вјарувала. Тога сја тој покачил на тополăтă, зел пăрстен'а и хи го дал* [V,PM,286]; ~ *и рéче на мáјка си: "Мáју, сéди тýкана! Сегá шта дójде јунáка". Тој такá хи рéче, за да седú тáм, да е изедé мéчката, куга дójде. И тój са покáчи на еднó дăру да си глéда – "да вúм шту ште прáви мéчката, ага дójде"* [V,PM,264]; ~ *вечарта, като сă вејке смрăчило убаво, влела дома си за да слуша, да сă научи себеба. На дора хми имало кладнец и ду нег едно даро: на дарото сă покачила да слуша. Като стојала на дарото, видела, чи от кладнецо изл'али много дјавол'а* [V,PM,281]; и: **покаци** ~ *и тóс сă разгóли, сă пукáци на врăх ќерамúдит'ą и васа нóш' тáм удгóр'ą сă тантанúсаш'и* [MS,t,54]... *пúта пóфтур "штó клáди да сă пукáци". "Клáх риж'énуту на пýмпу да сă пукáц'ąх!"* [MS,t,52]; ~ *да сă пукáциш' на ц'амúјата, тój за стуú удóл, да сă фăрлúш' ти на врăх н'éгу* [MS,t,57]; ~ *и "хýваа – р'éкуха – н'éка сă пукáци"* [MS,t,23]; ~ *тój му кáзува: "хúч' ниш'тáм ш'тóгуди дрýгу да м'ą устáјити да сă пукáцам гóр'ą ... и да сă пумóл'а на Гóспут'"* [MS,t,23]; **3.** fig. 'во општествената хиерархија заземе повисока позиција' ~ *и царјут послуша на керка му и утрината пуснал еден негов човек, ја зема нас мома и са ужени сас неја. Ама от măра времја сетни заборавила, от каква сиромаштија ја покаци Госпот... от млогу јадлива, што*

била, сакаши царјувата мома да ја погуби [V,PM,275]; в. **пукачуве**.

поклон (**пукло́н**) m 1. 'во знак на почит (или поздрав) го наведнува напред горниот дел на телото (= прави **поклон**)' ~ *ка́к сӑ-сре́тнӑт русали́јте две́те че́ти ќи-зӑста́нат нӑ-пе́јсе, нӑ-сто́ ме́тра дӑле́ко. Се́тне сӑ-нӑме́стат че́тте, а́к-сӑ-сугла́сат една́та че́та дӑ-да́а по́клон, ќи-зӑста́не шо́-ј тӑнча́рот на-о́рто, ќа-ди́гне кӑлӑчкӑта пра́во и си́те ќи-пуми́нат пут-та́а кӑлӑчка* [ПК,2(Крец–306)]; ~ *чини еден поклон на владиката и му вели: "да ми простиш, владика мој, ету сега ти прикажувам за твоите карагроши"* [V,PM,40]; ~ *го пристретна сос много чест. И фатил царјут да му праи поклони до земјата, вел'ајке на чобано: "сполај тебе, господине, што си прихранил мојте деца"* [V,PM,169]; **2.** 'она што се дава како дар, за извршена услуга или нешто слично'; сп. обичај: – церемонијата крштевка обично се извршува в недела, а спроти петок, кога ќе се затемни, таткото на бебето оди кај кумот да го кани и при тоа ќе му даде **пуклон** (погача и малу карамфил). Ќе му ја бакне раката на кумот и ќе му рече *"Сус Божија мисла уф нидел'а лагиме да крстиме!"* [ТГ,113]; ~ *дал' си чула Като, разбрала,[твојут вујко, Като, свадба ки праве,[свадба ки праве, Като, син ки си жене?[ки те викат Като, за пусестрима,[ти да месиш, Като, бели пугачи,[бели пугачи, Като, бели пуклојне* [ТГ,156]; – кога се прави покрив на куќа на мајсторите им се носат подароци, а тие се заблагодаруваат со овие зборови: *"... мајстуре, Трајко чурбаџија пуклон ни дунисе, на нашјо сајбција атăр му лага; нас на зарадува, на млади калфи мирифет, на сите ураче бириќет; на који ки дунесе и који не ки дунесе бериќат версин, ама тоја што ки дунесе оште поберикат версин!"* [ТГ,297]; ~ *тука имаш поклон от цар'ут, сака вашата керка да му га дадеш* [V,PM,45]; ~ *"алáто, рăчéл, áк сáкиш пá ки-тó вăрнум, и рăбутни́ците пá ки-ти́ вăрнум, áма пăмпóро, вéле, мúсл'ум нă-мéне пóклун дă-ми-гу-дáјш, зăтó шо-ти-изл'ăкувáх дéтто, а-ти́ тóлко дóктуре си-искул'ál зăрди нéго"* [ПД149]; ~ *фати да удр'áви жáбин јазúк и вéли на жáбата: "ох сéстру, т'а чýх глáсо ти и ти познáх; излези вăнка да ти кáжа, ча от мáјка ти донéсох пóклон"* [V,PM,29]; 3. 'поздрав, порака' ~ *стана мајка му, отиде на царјут му вели: "цар'у, поклон имаш от мој сина, пепеларјув сина! Дојде от чуздина. Да ми дадеш ухтар'ут да мери алтăните, што је добил аф чуздина!"* [V,PM,48]; ~ *ама пепеларјувут син беши млогу хитăр, та колај не можиши човек да гу смами. Сос онова човек му пусна на царјут поклон, да му пусни четиријси мулинта и четиријси чифта вречишта, ча ке да товари иман'ето му* [V,PM,49]; ~ *тој му речé нá картáло: "да úдиш нá дóлна зéмја, тáмо úма стáра самовúла, да кáжиш на нéја пóклон от мéника, да ти дадé трú тапсúи, тáмо што има!"* [V,PM,137].

поклони-погача f 'специјално приготвен леб печен во тепсија или под вршник, се праќа како поздрав' ~ *напкун и́ риче: "да направиш едно поклони – погача, да напăлниш две долиј вино и да*

заколиш нај-големиот брав, и утри застра ки одими" **[MC(B),**96].

поклони pf 1.'даде нешто како подарок, односно го отстапи' ~ *как седнаха да јадат сватовиту и кумовиту, чопл'акот са окачи на гриндата, му поклониха на кумот каниската на софрата, така и стомната сос виното* [V,PM 242]; ~ *он му риче: "Ни кабаатот ти простам, ни глоба ти глобам, ни глава ти сечам дор не донесеш Танка Арнаутка, твојта първа л'уба да ми ја поклониш"* [MC(B),93] – во текстот одново срекаваме употреба на презент од перфективен глагол, што зборува за фреквентноста на односнава појава: **ни кабаатот ти простам** (место: 'проштавам'); ~ *уттам, к-ă-сфърша̀л рăбо́тта, мувел'ат: "Шо́ са́кăш сега̀ дă-ти-да́јме, дă-ти-дунесиме ни́а! Шо́ дă-ти пукло́ниме? Шо́ не́мте нă-тфо́јта дăржава дă-ти-да́јме"* [ДК,133]; **2.** – **сă** 'се помоли, оддаде почит' ~ *мáка гу-јăдéше, чунки бéше уд-дрýга вéра и нé-сă мишéше су-рисјáните. А ón, сирумá, нимáше рудни́ни д-óде и дă-му-грéдăт у-гóсти, а и нимáше џăмúа, бăрем дă-сă-пукло́не* [ДК,153]; ~ *Ни́ли бéши вéтар си́лин, му падна́ стрáх; да зафати́ да путну́а, а вика́ ém џарка́: Афе́ндо по́можи. Па Исус а пушти́ рáката, гу фати́, да му ре́кал: А маловéрнин, зашто си уплаши́... Ти́и пак шо би́ле уф каикут дујдéа да му си пуклуни́ле на нéго* [MV(K),267]; ~ *кату му са поклони, му вели: "џарју, јазе дојдох да просја твојта мома за мојто дете, чопл'акот"* [V,PM242]; ~ *тогáс тој стана прáв, са поклони́ на господáро му и са прости сос нéгу* [V,PM,15]; ~ *и л'у влезе нетри аф владикувата удаја, са поклони на владиката и седна при негу* [V,-PM,38]; ~ *си разл'ути млого и му вели на гостот: "а бре јабанџиа гидиа, зашто не стануваш прав и ниту се поклони на мене, кога си дошол"* [V,PM,222]; ~ *а чý Исус шо гу извади́ле на́двор, ка гу на́шал, му ре́кал на не́го: Верýваш ти́ на Господи́ново Си́н? Гувори́ па ón да риче́: Кó-ị тó, Афе́ндо, да си верýвам на не́го? Му риче́ Исус на не́го: И гу виде́ на не́го, и су те́б шо прикажýва, вóа ị. И ón риче́: Верýвам, Афе́ндо. И му са пуклуни́ на не́го* [MV(K),259]; ~ *и тóјнака најдé врéме, заеднóч са укáчи гóри и фл'áзи аф џáр'увата удајá, му са поклони́* [V,PM,31]; **3.** изр.: **поклони глава** (= се повлече, ја призна својата слабост) ~ *кáк стана́ Половúнмицáн на јунáчки нóги, фати́ сос топýзката да ги би́е и сáкаши да ги утепа сички. Кáк видéха такá, поклони́ха глáва на Половúнмицáн и му дáдоха двáјсигоди́шна давани́на* [V,PM,109].

поклон'ава impf 'подарува', в. **поклонува 1.** ~ *зема човекот пърстенот, отиде, гу даде на џарјут и му рече така: "џарју, младо добро халваџиче под нози ету ти поклон'ава да продадиш то пърстен, на негу спомин да чиниш"* [V,PM,57].

поклонува* impf, **1.'дава подарок'** ~ *кату как правјат на зентјут, така и на нивестата сос пејани, сос хоро. За сторјат една каниска, штото га за дојдат сватовито и кумовиту... тогај му ја поклонуват тас каниска на кумот* [V,PM,248]; ~ *и л'у за дојди кумот, седнуват на една удаја все кумови, на друга одаја сватови. Тогај перетиту земуват онаја каниската, што беха направили момите на четвърток, ја поклонуват*

на кумовата трапеза [V,PM,249]; **2.** 'оддава почит, **се моли**' ~ *ќи-дójди ден' óсам дýши ќе-се-пọклóнат нạ-деве́тиạ. И гọ-рạспрáивали нạ-мáјкạта, нạ-тáткọтọ. И тýка тúạ гọ-истạлкýвали сáн'ọ: "Нúạ, ќи-дójди вр'áми, нạ-нájмáлкиạ брáт нúạ ќе-се-пọклọнýвами"* [ЛС(К),113]; ~ *ма тó шо нé слýши на мéн, неќáл да знáи на тó шо ми пуштú. Сạ утфорúле и седумдéјсити су рáдус да му вéл'ат: Афéндо, и дјáволити су твójо úми да сă пуклунýат на нáс* [MV(K),298]; ~ *нáши Таткóви на вá планúна сạ пукланúле; па вúа вéлети óти на Јерусалúм и мéстото шо трибýва да се пукланýат* [MV(K),257].

пóкрив* m 'горниот дел од некој објект што штити од дожд или други врнежи'; сп. ~ **кóрда** *сă-вúке нă-тăрлуто шó-ј зăгрáдăно, шó лéжăт óфците, пукрúјно-ј то:, уд еднáта стрáна-ј дúгнăно, сустăрска кăд-нáс и-прáвăме. И тăкá úма пýштăно, кулку едúн, пулвúн мéтăр ут прéди. Пóкриво нă тăрăлто сă-вúке кóрда, пукрúјно тăрло* [ПД,125].

покрива f 'наметка, надворешна облека' ~ *кепе... – покрива, штоту са покриват чобаниту, кога дăжди* [V,PM,33].

покривало n 'материја, полупровидна со која дамите си го покриваат лицето, вел' ~ *нивјастата за са примени харно. За пој нејн брат или сестра да ја метни покривалото на лицету ú. Так за стани нивјаста, за бакни пак на сите рăнките, хазăр ќи си чини веки* [V,PM,249]; ~ *тогас и тјанака отговори и речи на младата нивјаста: "мари не сам ниту н'ама н'амичка, ниту сл'апа сл'апичка, туку за еден лаф, што сам рекал на царјув син, ми беши страм, та тинака, млада нивјаста пот покривалуту, не ти е страм веки да одрјавиш!"* [V,PM,72-73] – еден од примерите во кои субјектот е во ж. род, а л-формата во машки: *и тјанака отговори:... што сам рекал;* поранешните истражувачи ги немале забележано ваквите случаи не ги коментирале; в. **пукривач**.

покривка f 'материјал со кој се покрива човек кога спие' ~ *царјут остана тамука пијан, си заспа. А ма гнусниот човек, кату беши млогу акăлиа, зема покривка, гу покри на царјут* [V,PM,58].

покриен* adj 'кога врз нешто има ставено покривка' ~ *му вели на јунако: "Еееј синко, ти млогу л'ап ки јадиш у мени, но утри ки ти извадем моите три керки, и трите еден бој, ама покриени, ки са невести: ако ги познаеш... која сакаш сетни земи си ја невеста!"* [V,PM,279]; ~ *и помина мáлку врéме, и дójдоха змиовéте да вúдет, кадé спú. И кató вúдеха тáм кáмене покрúен, стори хмú са, чи е чјол'ака, и си рéкоха адúн на друг: "Хájде да гу отрéпеме!" И тузú си рéкоха и зéха кáмене становúти та фăрлеха по нéк* [V,PM,263]; и: **пукрúјн** ~ *сă вúке зăгрáдăнто, шó-ј зă стóка, нé пукрúјно, двóро нă пујáтта, то:-ј убóр* [ПД(126]; ~ кóрда *сă-вúке нă-тăрлуто шó-ј зăгрáдăно, шó лéжăт óфците, пукрúјно-ј то:* [ПД,125]; **2.** изр. **пукрúјн'о: гăс мýјте нé о-шл'ýут** (поговорка = работите треба да бидат обезбедени, заштитени, за да не се случи да бидат повредени или уништени) [ПК,2(190)].

пóкулáj adv 'полесно' ~ *ричé: Тéшку да си óдат зингúнити л'ýди на Господúнова царштúна. Оти пóкулáj úма да си замúни спартúната курабáрцка уф úглицки ýшите, нúбиле зингúнин да флé-зи уф царштúната Господúнцка* [MV-(K),279]; ~ *Да сă уклăвáм?; да сă закóл'ам? – кутрój пóкулáj Гóспудúм?* [MS,t,54]; ~ *рéкạл: Зашт'о си расчýдите лóшо уф сăрцити вáш. Шó-ị пóкулáj да рéчам: ти и прустéни грéхови, úли да рéчам: стáни си, и хóди си? Илим, акý сáкати да пикáсати шо Човéшното Сúн úма пувéл'а навряс зéмн'ата* [MV(K),266].

пóкулájно adv 'полесно', в. **пóкулáj** ~ *рéкạл на Ученúцити: ... Пак вéл'ам на вáс: пóкулájно да помúни фóртомата уф úглата, нúбиле зингúн'от на Господúнова цáрштина да флéзи* [MV(K),269]; ~ *шо и пóкулájну, да рéчам на вó бóлниот: ти и прустéни грéхови, или да рéчам: стáни си, и крéни си носúлото, и óди си?* [MV(K),284].

пол adv 'половина од нешто', в. **пулвин** ~ *кóга лигнáле двéте нăвичéрта крáлцкăта ќéрка му-вéле: "Дáли бúло кăсмéт рибáр су-крáлцка ќéрка дă лéгне?" И дéтто: оооп, му-сă-рăсипýва ќéјфут. И кăко лижáле, тáка нé мăрда. И кăди-пóл нóш шó си-имáл нúку пáра – шшшт, нă-бигájне* [ДК,-128];~ *и уттáму, кăди-пóл нóш, а, нă-бигájне. Тáму кóга тúшле, áма úма сáт, сáт и пóл пăмпýрут дă-дóе. И óна, чýпăта, зăспáла. Тúа пýсти пáри, тúа дисáгите, ќ-устáнăт пóнáка* [ДК,-132].

пóлạ adv, в. **пол** ~ *вúкạ тóạ-е нéјно. "Нé!", тáа вúкạ. "Móe-e!"... Нạсăд, шó ќи-рéчи сăдо. До-Соломóн. Цáро, тój е-мýдар, тój е-прóчут дạ-кáжими... И-óн вúкạ нạ-ѭилáто: "Дóнеси едúн мéч и-детéто дéлиго". Знáчи мýдар. Твá се-вúкạ мýдрос. Детéто нạ-пóлạ. Тáа вúкạ нéјно, ọнáа вúкạ нéјно. Он го-тéкна нáли мýдар, и-нạ-тáа пóлạ, нạтáа пóлạ.* [ЛС(К),110] – системот во остатоците од падежите кај заменките, присутен во повеќето македонски говори, па и во нормативниот јазик, овде е сериозно засегнат, сп. во контекстот: **он го-тéкна** наместо: 'нему му текна' (употреба на номинативот во служба на нндиректен објект, како и кратката форма за директен објект **го** место за датив 'му').

пола* f 'долен крај на попска (односно од женска) облека' ~ *ети тăрчаха солунските граѓани да го причекат, кој нога му бацува, кој рăка, кој полта* [МС(В),98].

пọлáшкạ f, zool. 'млада кокошка, јарка' [ЛС(К),96].

поле* n 'широко и рамно место (ливади, ниви)' ~ *един цар отбираше јунаци за неговата мома. Отбирането беши, што и направил на полето една дупка 40 адими* (чекори) *шарока и толко дламбока...: "котри јунак излези сос кон да ја прискокни дупката"* [V,PM,181] – лексички архаизам: **котри**; ~ *то-ј сúвичко, мăлéчко пúле, бéли дáмки úма низ нéго. Уф-пóл'то пéе: пăт-пăл'áк, пăтпăл'áк. Гу úма уф-нúвите, нúско лéте и кóга л'ăтнýве брăмче* (објаснување за птицата **пăтпăлóк**) [ПД,126]; ~ *тáтко и ги направúчúзме от желéзо и стáп од желéзо, и тјáнака надјáна чизмéто, земá и желéзни ú стáп нá рăка, кúниса, л'убóвникот да гу тéра. Шетáла пóли и гóри, мăра-млóгу до трú годúни* [V,PM,131] – уште една потврда за проширената употре-

ба на множинската наставка **-и** кај именките од среден род: **шета́ла по́ли** (м. 'полиња') **и го́ри**, за ова в. граматичкиот дел; *~ мори, југријала мисичина,[пу Сер пол'е, рамно пол'е[пу Јуванови рамни двори,[мори, Јувануве вичерале,[сирак Јуван не вичере* [ТГ,97] – во текстот има уште еден случај (потврден повеќе пати): употреба на именска форма во служба на атрибут – **пу Сер пол'е** (место: 'пу Серско поле') [ТГ97]; *~ до́бро-ама, Лу́:то сă-нăучи́ло о́ти ки-бăга́ли уд-не́го. Ги-уста́ве ко́јсте нă-по́:л'то, до́јде до́ма. Бра́јки ше́ăве уф-ти́ă вре́јките, флизе́л уф-ăдна́та вре́јка о́н, Лу́:то. Не-гу-зна́:т о́ти уф-вре́јкăта-j фле́зăн, не́го гу-зна́:т нă-ко́јсте* [ПД,-163] – во извадокот среќаваме 2 граматички посебности: употреба на перфективен презент: **ги-уста́ве ко́јсте нă-по́:л'то, до́јде до́ма** и употреба на адверсативниот сврзник **него** наместо 'туку': **не-гу-зна́:т о́ти уф-вре́јкăта-j фле́зăн, не́го гу-зна́:т нă-ко́јсте**; Малецки во Солунско ја запишал редуцираната форма: **по́ли** [MSs,86].

полегна pf 'легна за кратко време' *~ и как кинисаха, хождаха на пăнтјут. На едно место беха седнали да починат. Момата полегна на неговото колено, да поспие* [V,PM,192]; *~ го́ро-ли, го́ро зиле́но, ej-зиле́но, ej-зиле́но,[и́маш-ли с'а́нка дибе́ла, ej-дибе́ла, ej-дибе́ла,[да-си-по́легнам ста́дото, ej-ста́дото, ej-ста́дото* [ЛС(К),130-131]; *~ мајка му му рече: "Ил'у сину, тој занаат останалу от башта ти, ти да го не зафатиш!" Он мајка не послуша; стана другио ден па отишел на полету да лови. Пак лов не добил и седнал одол една вăрба под сенката; полегнал да поспие* [V,PM,170] – среќаваме посебност во збороредот: меѓу кратката зам. форма и глаголот е вметната негацијата: **ти да го не зафатиш!**

полека (и: **пулека**) adv 'бавно' *~ пулека си терај, лудо,[твоја брза којна,[да не ми настăпиш, лудо,[меснати ми пети,[меснати ми пети, лудо,[на бајна бајнани* [ТГ,157]; *~ пулека си терај, лудо,[твоја брза којна,[да не ми настăпиш, лудо,[меснати ми пети,[меснати ми пети, лудо,[на бајна бајнани* [ТГ,157];

полека-лека adv 'бавно, постепено' *~ ка вика, вика – нито Хасан, ниту Хасаница, и јаз полека-лека си носих моjте овци* [МС(В),93]; *~ от калугера кату си научила, дека си нахождада неин л'убовник ... полека-лека отишла на онова грат, сос цар'ут дослук фатили* [V,PM,192]; *~ един ден и трите самовили ја беха оставили момата сама тамо в дупките, пак те отидоха да уловјат друго некој по пресно лов. Тогас момата ... побегна оттамо. Полека-лека отиде на мајчинии бунари; беши станала веки кату иѓупка* [V,PM,195].

поле́ка-поле́ка adv 'бавно, многу бавно' *~ и Бо́г дадé, прини́ха ма́ра жената му и поле́ка-поле́ка оздрав'а́ла* [V,PM,20]; *~ сă-ка́чфа то́, дрăсе. Тугáj иднă-ме́чка гре́де удна́ка. Кри́вјут кă-ви́жва ме́чката, тăн-гăн, тăн-гăн, поле́ка-поле́ка у-инă-кăпи́на сăпикну́ва сле́пјут што́ зна́? Дрăсе* [ДК,136]; *~ Тва́ д'а́ти ѳотива́јќи се́днал, л'а́тно вр'а́ми било́, под-една́ го́рница, ви́ка: "што́-не́-г-ѳотво́ра то́пи́смо а́с". Дете́то. Ва́ди моли́во исе́а на-пли́ко, поле́ка, поле́ка, го ѳотво́рел. И-пи́ши о́ти тва́ д'а́ти да-си-погу́би. Он-га-ки́ни тва́ и-пи́ши на-же́на-му: "Ква́-ќи-до́јди тва́ д'а́ти... да-га-да́јш по́мла́дата ќе́рка"* [ЛС(К),109]; *~ сă разгăрди и му кажа нишаните; напкун а свăли по-*

лека, полека, си га бацува, си га помажи с рăка [**МС(В)**,98]; ~ *р'éч'и: "јáс за и́зл'а!" гу врăзаха сăс идна́ хо́ртума, гу пу́снаха пуле́ка, пуле́ка до́л* [MS,t,86]; ~ *нă-лисúцăта и́-сăпрăјăдéли ри́би. Лигнáла нă-ăди́н дру́м и сă-чинáла са́нким у́мрăна... и е́тти ади́н мăтрăпáс нă-кóла нă-тувáрна сус-ри́би вăрве... А-зе́л лисúцта, а-фăрлúл нă-кóлта ... Лисúцта пуле́ка, пуле́ка лăзе́јки дујдéла ду-ади́н кóш сус-ри́би и ăднá пу-ăднá сúте ри́би ги-фăрлúла* [ВК(Пат),285]; ~ *и пуле́к, пуле́к си нарáстуха; д'ăт̣ату... с'е́ на ж'др'ă-пч'ăту, утúва, гу храни* [MS,t,31]; ~ *пуле́к, пуле́к си дójди и тój думá; дур да си пój тój думá, цáр'у си бúш'и уч'ел пóнапр'ăт* [MS,t,35]; ~ *и трăгнаха пуле́к, пуле́к, си дóха на Але́ксандра на прутéвусáта* [MS,t,60]; ~ *пуле́к, пуле́к májка м'ạ нарáсти, м'ạ пу́сна и на ш'кулóту* [MS,t,87].

по́ле́па adj 'комп. од лепа (= убава)' ~ *ама имáше ину-глидáло и сăпуле́ше нă-глидáлто и упúтфаше: "Глидáло, мúло глидáло, у-мéне пóлéпа кój úма?"* [ДК,144] – во контекстот имаме уште еден пример за присуството на архаична лексика во овие периферни говори, сп.: **леп** 'убав'.

по́лес m 'посета, контакт со личност што носи среќа (или обратно) во одредени празнични денови', в. **пулазе** ~ *нúй úмме упрăдéл'ăни дéнуве, нă то: дéн сăбáјле кój ки ти дó:, то: тă пулизúл: кăкóф беркéт к-úмиш, шо к-úмиш дóма. Пóлес сă вúке то:. Тиă дéнуве сă: Свúти Рáнгел и ...* [ПД(132)]; ~ *нă-Вăрвáра ák-тă пулéзе (дóма áко ти дójде) нéкуј árин чувéк, шó úма árин пóлис, цéла гудúна ки-тивăрве лéсно рăбóтта и нă-тéбе и уф-кăшти;* или: *ák-тă-стрéте нă-сăбáјле, ká-ójш нă-óрне, прăф нă-пăто, нéкуј шó úма árна дýша, шó мо-ј árин пóлизо, нúшто нéма дăт-сă-слýче лóшо. Сè árничко ки-тивăрве рăбóтта, ус-лéсничко ки-сј-асвăршиш* [ПК,2(87)]; и: **полуз** – сп. обичај: жената пред да почне да ткае треба да се прекрсти и да каже: *"Боже пуможи! Сус леко да родум!"* (раѓањето се однесува на успешна работа при ткаењето), сепак треба да ѝ помогне некоја жена или дете што има *лека рăка и лек полуз* [ТГ,363]; **полузут** особено е важен во живинарството, имено на празникот **Св. Варвара**, ако гостинот што прв ќе дојде е со **лек полуз**, кокошките ќе сневат многу јајца, и ќе изведат многу пилиња, ако пак не е *сус добар полуз*, кокошките преку цела година, нема да *сневат*, односно ќе *сневат* малу јајца. За таквиот човек се кажува дека има *лош полуз* [ТГ401]; в. **полизиа**.

по́ле́сно adv 'кога нешто се врши со помалку напори' ~ *удúл, удúл, видéл адно крúво мýле, пáсе, нăпăдин, крúво... "Е, рéкăл, тéбе бáш сја: ká сум углăдéл, тéбе нéма дăти-прóстум". "Е, рéкăл, úм, рéкăл, нă-нójсте еднú цилизúна, úскар-ij нă, нáпкум, пóлéсно дă-мă-јáдиш* [ПК,2(224)].

полечка adv 'бавно', в. **полека** ~ *рекал: "Шта ти каза, ама на никој да ни кажјăш, чи, ако кажјăш, ни што вејке ражда алтанjă". И хи казал полечка: "От змијă је, жено!" Тја рукнала јачо: "От змијă ли је, мăжјо?"* [V,PM,283].

по̣лизи́а f 'среќа или несреќа што ќе ја донесе тој што прв ќе дојде дома на празникот Св. Варвара' ~ *нă Вạрвáра сáкум Шúл'ка дă мă пулéзе, óт úма лéсна по̣лизúа*

[ПК,2(166)]; в. **полес**.

по́лиму n 'војна, војска' ~ *"ја́с до́х сӑс по́лиму ту́ка, н'е́ма л'а́п да в'е́ними?"* [MS,t,59]; сп. **мурабе́**.

политика f **1.**'итрина'; **2.** изр. **стори (чини) политика** (= омилостиви некого) ~ *пак повтор гу викнал; тогај стана момчету, отиде на царјут, му са поклони дур от земјата, и царјут му стори една политика, знаете, хем му стори место, и седнал при царјут* [V,PM,191] – проширена употреба на предлогот **от** наместо 'до': **му са поклони дур от земјата;** ~ *дошла нетре невестата, фатила и она да му вели на Марин: "добре дојди, господине, здраво живо дома тајфата?" – и да му донесе благото ракиа спрӑти адето, и пак го спрати дур вунка. Така и на сите траговци, да речеми, чиниши политика* [V,PM,164].

Политов хану – еден од многуте анови во Солун во кои отседнувале македонските кирации и арабации во минатото, кога не постоела граница [ТГ,424].

по̣ли́ци̣а f 'државна служба (вооружена) задолжена да се грижи за безбедноста' ~ *и-о́н зе́л, пре́д да̣ни-ка́жи о́ти-са̣ бра́т'а̣, зе́л ча́ша̣ зла́тна̣, и-пари́ти и-ча́ша̣та̣ зла́тна̣ га̣-ста́ил уф-чува́ло. И ти́а̣, ква́ си-тӑргна̣ли, си-о́да̣т се́га и-о́дма̣ пра́шта̣ по̣-ни́ф по̣ли́ци̣а* [ЛС(К),113]; ~ *са̣ ти ки-пи́тиш, ки-са́киш, к'-о́јш уф-Ло́ндун... К'-о́јш уф-Ло́ндун, та́м англи́скио кра́л и́ма де́те уф-ко́жа зави́но. Ти к'-о́диш та́м, ки-сӑ-рӑзврӑтиш укул-пӑла́то, ки-ви́киш: о, о до́ктур, о, о до́ктур. К-изле́зе пули́цијата дӑ-тӑ-пуви́ке, ти́ рӑче́, дӑ-не́ сӑ-упла́шиш* [ПД-,147]; ~ *па́ о́де, не́кој адӑм* (чекор) *фӑрл'у́ве, па́ ви́ке. О-чујуве пули́цијата. Оот, му-кӑжу́вӑт нӑ-ца́ро. Му-ве́л'ӑт: "Чисти́ти ца́ро, ту́кӑ еди́н до́ктор нӑ-пӑто ви́ке, но́ф до́ктор"* [ПД,148].

поличин adj, компаратив од 'личен' (убав) ~ *јас ки си сӑдам, дивојче,[јас ки си сӑдам на моми,[ти ки си сӑдиш, дивојче,[ти ки си сӑдиш на ергејне,[поличните ми момички,[на полоши ми момчијна,[полоште ми ергејне,[на полични ми момички* [ТГ,101]; ~ *ти́а бра́ка ути́шле нӑ-гурбе́т и си-устӑви́ле же́јнте са́ми. То́лку вре́ме ти́а итӑрвите не́-ӑ сӑка́ле та́а по́мӑле́чкӑта ниве́ста. По́ли́чна би́ла. И се́а кӑ-дӑ-ӑ-зӑги́нӑт? Му-ве́л'ӑт: "Ај дӑ-тӑ-пи́книме у-бо́чфа дӑ-ӑ-чи́ш"* [ВК(Рак),324].

полк* m 'голема воена формација' ~ *по́сле загина́ тва́ те́пане, тва́ пл'а́чкине, сӑ-тури́ ре́т. Ама скӑра́асе Бугарто ус-Гӑрците за-Со́лун. Стипа́а-се та́м. Пучна́а вујна́. Бугарска во́јска не́мше, сла́бо нӑ-Со́лун, да́л' и́мше адна диви́за, не́мше ајн-две по́лка* [ПК2(218)]; ~ *И ф-то́ вре́ме ади́н по́лк има́л кӑм Петри́ч во́јска, не́ би́ла нӑ-фро́нто, о́на дујде́, дӑ укупи́ре уд-Мо́крӑне пӑ-зӑ-Но́во Се́ло, да-прӑсе́че Стру́мичко По́ле, дӑ-зӑпре ма́лко гӑрчкӑта во́јска* [ПК,2(222)].

полка f 'вид танц што се играл во аристократските кругови, односно на нивните приеми' ~ *пра́во ко́га вле́гла, ӑ-ви́шӑл ца́руво си́н ка́ко и́грӑла. Ле́ле, пулу́дӑл пу-не́а уд-ме́рӑк и су-не́а да и́гра. А-фа́тӑл, и́гра по́лка су не́а. Це́ла но́ш-е су-не́а* [ДК,120].

половина* f 'средина' ~ *една змија ка се пушти да ми хапни, като вратот ми дебела; току да ми хапни и еден орел сӑ пушти и га фана за половината* [МС(В),95]; в. **пул(у)ви́н**.

половина-умрент adj 'полумртов' ~ *детету, кату чу така от старио, млогу си оплаши и падна на земјата кату половина-умрент* [V,PM,33]; и: **полови́н умре́н** ~ *гу фӑрли море́ту на сухо... от стра́х са и мени́л, са чини кату полови́н умре́н* [V,PM,8].

положи pf 'стави нешто некаде' ~ *дојдé стáрата самови́ла, га најдé умрјáна, мло́го га пожали́ и нé сáкаши да га зари́и, л'у направи́ еди́н сандӑ́к от злáто, га кладе нéтри áф сандӑ́ко, га закарá нá врӑ́х еднá чéшма, гá положи́, тáмо га остави́* [V,PM,133]; ~ *кату ги положи́ха алтӑ́ните нéтри áф еднá удајá, му вéли на барли́воју: "и́ди да зéмиш от пóпот ки́лото, да ги мéрими алтӑ́ните, амá да му кáжиш, ча ки мéрими прóсо!"* [V,PM,125]; ~ *му вéли нá дјáтето: "и́ди да му кáжиш на цáрјут, чéтри óки брáшно чи́сту сáм дá гу цéи, нéговата цари́ца да гу мјáси, еди́н л'ап да гу чи́ни, и пáк тóјнака сáм да гу полóжи на пештјá"* [V,PM,122]; ~ *ламјата си зарадувала и фати да готви секакви манџи за јадени; изготвила сичку, поло- жи трапеза, тури манџите* [V,PM,103].

по́ло́ш* adj 1. компаратив од 'лош' ~ *и áјде испаднáа куми́тто слубóдни, пучнáа дă-кóл'ăт Тýрци, дă-фáќăт Тýрци. Сăрди́сат сéлто, ти́ă шó-сă пó-ајл'акчи́ј нéкуј, óт гу-сăрди́сăт тýрцкуто сéло, кóзбéрăт нă-цămи́та: "Дáј-ти пéт ли́ри". А па нéкуј шó-ј бил пóлóш гу-вăрsăт* [ПК,2(217)]; **2.** 'неубав' ~ *јас ки си сăдам, дивојче,[јас ки си сăдам на моми,[ти ки си сăдиш, дивојче,[ти ки си сăдиш на ергејне,[поличните ми момички,[на полоши ми момчијна,[полоште ми ергејне,[на полични ми момички* [ТГ,101].

по́ло́шо adv 'компаратив од **лошо**' ~ *па нáпкунта гу наóги Исус уф И..., да му рéкал: Ето сạ лекувá; да не си грéшиш ви́ки, да нé ти сạ нáјди по́ло́шо* [MV(K),256]; ~ *па идна́ жéна имáла бóлка да крăф му течéла дванáдесет гуди́ни, и нóгу сă мăчи́ ут нóгу лекáри, и му давáла сăто имáњо шо имáла, и ни́што силимéт нé а видéла, тукý на по́ло́шо му сă чини́ла* [MV(K),324].

по́лук m 'раси́пану иц*é* врз кое лежи кокошката кога се спрема да снесе јајце' (така запишал Малецки во Солунско [MS,t,86]), споменатава специфичност "расипану" не е докрај точна, бидејќи пологот е јајце што се остава во гнездото, независно дали е расипано, т.е. во првиот период, кога е пресно, тоа не е расипано, а сепак е **по́лук**, дури по извесно време, од стоење ќе биде *раси́пану*; сп.: тоа се остава во гнездото за да ја подмамува кокошката [ПК,2(92)].

полумӑртв adj 'кога некој се наоѓа меѓу живот и смрт' ~ *момата и ужувјала, и на татка и́ жива га закараа. Татко и́, от далеку как га види, от радост полумӑртв са чини и от мăра час сетника дојде на себе си* [V,PM,64]; ~ *тојнака, как га виде, така шо плачаши, га вели: "што плачеш, мори, така сос едно грозно погледани?" Тјанака заедноч от страх кату полумӑртва си чини. Пак тојнака га вели: "куни си, ... да сечиш от таја мрăша една парча месу, да туриш да изготвиш"* [V,PM,63]; в. **половина умрент**.

полу́нош(т) adv 'средина на ноќта' ~ *но фторıу вечир трапезата помăра манџи имаши, и две кандила*

горјаха. И пак на полуношт дојде оно стар от вăнка, пак така му рече, кату на прăмнио вечер, сиреч "хил'ада умреха, хил'ада и един са родиха. Блазе ги ониа, што са родиха, и тешко на ониа, што умрјаха!" [V,PM,84]; ~ *о́на зе́ јатага́нăт и сидна́ уза́т у-палхират да чека. Токмо у-полунош палхи́рăт фати́ да-тро́пка, и мо́мата дијна́ јатага́нăт и застана́ пра́фцом* [ВЛ(А j),338]; ~ *навечеро́т најгул'а́мата се́стра сидна́ узат у-палхи́рăт дабра́ни. Около полу́ношт а-фати́ др'ắмка и заспа́. Али Го́спот дадé, даоно́ ве́чăр ни-дојдо́ха харми́јто* [ВЛ(А j),338]; – во приказна од Серско, запишана кон крајот на 19. век (1891) зарегистрирано е присуството на адверсативниот сврзник али: **а-фати́ др'а́мка и заспа́. Али Го́спот дадé, да-оно́ ве́чăр ни-дојдо́ха харми́јто; и: пулу́нуш** ~ *Ти испăдна́ле, га́здите, и-о-прăима́ле на́го́сте. Та ве́чăр о́ни пă ки-прăви́ле пăржé́шка, има́ле ро́дăно дéте, же́нцко. Тăма́м сă-чина́ло пулу́нуш дујдéле нăре́чниците и пучна́ле да̨каżу́ва̨т. Пăрва̨та ра̨че́ла: "Е, дéј жи́ва и здра́ва..."* [ПД(151)]; ~ *ќ-о́дăме уф-нă-ца́ро дворо ки-о́рăме, шо-и́ма жи́во сăто ки-изо́рăме. Каки-ви́дăт тăквó чу́до, оти ни́ о́рăме, си́те ки-испа́днăт, ки-испа́дне и ца́рскăта мо́ма. Удде́ле нă-пулу́нуш, ка-зе́ле живо́тните, ка ура́ле, кадруби́ле, ка ура́ле, ама ни́кој неиспăдна́л, би́ле ле́гнăни* [ПД,154].

полупашник (и: **кускун**) m 'парче дрво што со две јаженца е прицврстено за задниот дел од самарот и се наместува под опашката на коњот, со цел да не дозволи самарот да се лизне напред кога оди по удолница' [ТГ,420].

по́лцки* adj 'нешто што се однесува на **поле**' ~ *ми-кăквó би́ше? Ни плăни́нцко̨, ни́ по́лцко̨ би́ше се́лто Ште́мница. Тăка́ би́ше кути-до́јдăно, ни́вите му би́а кути нă-ритчи́на тăка́, а́ма сă-рăбо́таа. Тумба́рки, тумба́рки сè* [ВК(Шт),288].

полцки изикј* m 'говорот (дијалектот) на полските села во Пазарско' ~ *селту Илициjву... носă вăрдарцки пăртал, амă гу лафăт полцкјут изикј* [МЕ(Р),81].

пол'ка f 'модерна 'женска блуза' ~ *пол'ка сус буфки* (украсни туфки) *и тантели* (чипка) [ТГ,136]; кај Будишевска (од Воденско): **по́л'кă** 'женска облека, нешто пократка од "**скурдел-от**" [BV,134].

пол'уби* pf 'засака (повеќе)' ~ *завчас повелила да ги убијăт, а тја сă указала, чи му је жената. После повелила и нăзи кăштă, барабар с кладнецо, да изгорет и да направет сарајă, в котри седјали с мăжо си и сă пол'убили и миловали от понапрез* [V,PM,283].

помажи pf **1.**'помилува' ~ *сă разгăрди и му кажа нишаните; напкун а свăли полека, полека, си га бацува, си га помажи с рăка* [**МС(В)**,98]; **2.** изр. **сичките порти ги помаза** (= даде пари или сл. на оние од кои зависи дали ќе се заврши некоја работа, т.е. изврши поткуп) ~ *и сичките порти га помаза, и така сетни искара от конаќут владички пусула за да са венчај, отиде попови викна, отиде и на куумциовите порти чука* [V,PM,70].

по́ма̨ле́чук* adj, в. **по́малук** ~ *ти́а бра́ќа ути́шле нă-гурбе́т и си-устăви́ле же́јнте са́ми. То́лку вре́ме ти́а итăрвите не́-ă сăка́ле та́а по́мăле́чкăта ниве́ста. По́ли́чна би́ла* [ДК,150]; и: **пу́мăле́чук** ~ *па, и́ма умира́чка, ăку зе́јнăм ду-у́тре, друјќдéн, да̨-у́мрăм, кăту-Суфи́јка ка́к*

не-а-видéк, и ни су-тéп не-ќи-савúјме. Já, Мúци, устăрéл, уд-мéн три-гудúни пýмăлéчук [БМ(Стр),203].

пóмáлко adv, в. **помалцă** ~ *сăдăмдăсéусумдăсé кăшти христијáне и двăтрúјсе кăшти, тăкá нéшто, Тýрци, сéдăм-óсум кăшти Ґýпци úмше. Сúчко úмше укул-стó двă-тринáјсе кăшти. Нéкоо кăшта мóж-д-úмше кăýрто пóвиќе, нéкоо Тýрцте пóмáлко, áма тýка-ј* (станува збор за с. Штемница, Кукушко) [ПК,2(Шт–246)].

пóмалук adj 'помлад' ~ *"јас за пóда у касабáта, за нáјда идúн пóмалук граматúк ут м'éн'а!"* [MS,-t,68].

помалцă adv 'помалку' ~ *најповикјă ут ветăрут на југ; мигју них сă нăогјăт негјдин повичкјă негјдин помалцă длăбоки долиштă* [МЕ(Р),79].

помамица f 'измама, итрина' [MS,s,86].

помачи (си) pf 'поднесе напори (физички или психички), ~ *така кеманецuата, кату си помачи мло-го да гу стори н'амојут да отговори, та не можа, и царјут му зема главата на кеманецuата* [V,PM,192].

помилóва pf, в. **помилува** ~ *излезé и самá Чингú-дилибéја, сáкаши дá гу изјáди, áма пáк гу помилóва и му речé: "áди úди си тúнака, и јáзе ки дójдам!" Он киníса да úди; тјáнака си зéма сúчките рéнгови и по-нáпрет от нéгу отúде* [V,PM,143].

помилува pf 1.'сожали (и помогне)' ~ *му вéли: "зашто, мăжу, да не кáжа... јазе казах на сичко селу, ча цáр'ут на помилува, зашто бехми сиромаси"* [V,PM,32]; ~ *кату виде жената му, ча тојнака убогатил млогу, фатила да гу јаде кату червие дăрвоту, да кажи на неа, как чинил тојнака, та толку Господ гу помилува* [V,PM,81]; ~ *Исус гуворú, да ричé: Нé сам дујдéн за дрýго нúшто, тýку пу óфцити загубéни на Из...-цка зéмн'а. Жéната ка дујдéла, му са пукланú на нéгу, да вил'ála: Афéндо, помúлуј ми* [MV(K),272]; ~ *на тóа врéми, удéки Исус пу пăтут, óдиа пу нéгу двé мúна слéпи шо викáле, ем вел'áле: Давúдуво Сúн, помúлуј нáс. Ка флизé уф кýќата, дујдéа кри нéго тúи слéпити* [MV(K)-266]; **2.** 'погали (со рака)' ~ *А пă тáа сéстра-му зал'убúла-се сăснéкуј Арáпин. Ама тúă кучúнта нă-Арáпино ќо-изé:т. Рéкăл: "Ќо:излăјш брáт-ти дă-ти-ј-дукáре кутрúнта дóма, ќи-ј-вăрsиш тú, áс ќ-ó:м, ќо:-зăкóл'ум нéго". Тáа нă-уфчáро, нă-брáто му-рéкла: "áс сáкум тúа кутрúнта дă-ј-дукáриш, ди-ј-пумилý:м málko"* [ПК,2(228)].

помин m 'начин на живот (поставеност во семејството и во општеството)' ~ *кáк ин éј пóминут?* (= во какви околности живее) [ПК(Гăр)]; ~ *кузум, браче Ристо, ного ти са мол'ам:[клајне да му чиниш,[мăчин помин пуминувум,[ни на леб сум ни на вода; [кýќа празна растурена;[нема никуј кој да пите,[жива ли сум ил умрена* [ТГ,265]; ~ *си-нéмăт пóмин ус-мăжо; úч не нè-ј árин пóминут, зăтóо сме сирумáси* [ПК,2(87)]; ~ *ма насăрчи да зем да написам сè шо можам да научам за селцкјут помин ув Постул* **[МЕ(Р),70];** – младите ако се имаат земено, т.е. ако стапиле во брак *сус мирак*, ако се сакале како *ерген и мома*, нивниот *помин* ќе биде добар, а ако бил *биз мирак, биз срце зимувајне*, тогаш се јавуваат недоразбирања, но по правило без обзир дали се сакале или не, штом *им пумине вениц прако глава* (=

штом ќе се венчат), *легнуват на брашно* (се помируваат со ситуацијата) *и си гледат работа* [ТГ,192].

помираклијă adj 'со голема желба' ~ *достă ј дă видă чувек колку помирăклијă нă чифликјут му бил пустолцкјут бег* [МЕ(Р),85].

помисли* pf 'се присети' ~ *вéчąртą, два-трóица билú лǫвцúи, кóлку билú, вúкąт: "Слýшај, кáкǫ мóжи нúą дą-гǫ-зéмме детéто, дą-гǫ-спáсими, нáли". И-пóмислили, ќестáвими зąс'áдą. Зąс'áдą знáиш шǫ ќи-се-рéче: пусúа* [ЛС(К),108].

помит m 'направа што служи како метла, на крајот има крпа, со неа се мете фурната во која се пече леб'; и: **пóми** [ЛС(К),95].

пóмни* impf 1.'памети, се сеќава' ~ *"пóмниш, когá земáх еднá голéма крáпова риба, éту онáја рúба ги докарá тúа алтăни на нáс"* [V,PM,19]; ~ *царјут, как гу виде така пожален, фати да му вели: "ади, зетју, немој имаш гајле! Тинака не помниш, каков татку имаши, ама сос твојта прокопиа за три или четри години си добил сос кила алтăни"* [V,PM,51]; ~ *зимáх аднá крýша сус-прáвата рăка, сус дéсната дé. Апнáх ут-тáа крýшта, кá га гризнáх, такá тýка ми-устанá. "Ајде, вúке едúн'о, да-гу-пýштум прă-мáјка-мо, нéка си úде". – "Тăвá, вúке-ј у гудúни, áк о-пýштиме, тóо ќи-пóмне óти тáтку-мо ќи-г-убúјме", вúке дрýг-јо·* [ПК,2(358)] – присуство на архаизмот **прав** 'десен': **сус-прáвата рăка**; ~ *и царјут му вели: "јазе, синку, сам цар. Алтăну ти гу дадох за да ми помниш". Тојнака му вели: "што да ти помн'а, царју? Јазе сам гувидарски син, и пак да ме чини некој таков поклон и таков чест ке да му дадох една шепа алтăни!"* [V,PM,95] – во текстот кратката заменска форма за директен предмет **ме**, се јавува во функција на дативен предмет: **да ме чини таков поклон** (место: 'да ми чини...'), тоа е еден од многуте примери во кои заменските форми за прав и за неправ предмет се мешаат (за ова в. во граматичкиот дел); ~ *да си отвóриш óчите, сос ум да си вратúш, заштó сáкам мојто úме пак да рабóти, да си пóмни мојта хубавúна* [V,PM,7]; и: **памне** ~ *áс нé знáм нúшто, бáпта сè пáмне, óна сè знáа* [ПК(Грам)]; односно: **пумéте*** ~ *пéсни, прúкăжнúци; А-а, бре сúно, ми-тăкнýве, а ткá сáма кáк сéднум, кáк-сă-здýмум. Тугáј ќи-пумéтум, ќи-м-úде на-акăл и ýмрини и жúви, сè-ќ м-úде н-акăл* [ПК,2(253)]; ~ *нé пумéтум тóлко сúно* (информаторот се обраќа со "сино" кон истражувачот, во конкретниот случај кон авторот) ~ *Тýрско имáне бúше* (се однесува на селото **Планúница**, што се наоѓа на север од Кукуш), *нúа нéмăхме нúви, имáне. Имише тăквú уфчáрг, уфчăрúшча, óфци си-пáсаа, óфци си-глéдаа, тúă бúа, дрýги нéмше. Имише тăкá пу-нéкуј, тăкá пóбугáти кăшти, с-úмаа, бýбички сирáнаа* (се однесува на: свилена буба) [ПК,2(250)]; **2.** 'споменува' ~ *му вели: "ох, џадо, си фатил да ме питаш за Господински работи. За нес работи Госпот знаи. Јаз што знам!" Тогас џадото, кату го виде ... чја Богово имја помни, му рече:...* [V,PM,179].

по-много adv 'повеќе' ~ *тој ми велише, да не јадам лук, зашто ки ми бол'ат по-много очите* [МС(В),77].

помога* impf 'пружа помош' ~ *риче на неговата л'уба: "пăрва л'убо, от дека сакаш да помогаш, зашто ми се додеја"* **[МС(В),**97]; в. пумаге.

помогне* pf, в. **пуможе** 1.'земе учество во нешто (со работа, со пари и сл.) за да му олесни на другиот' ~ *Господ ми помóгна, добúх не сáмо тáја стóка, што úмам тука но и двájси гимúа* [V,PM,16]; ~ *л'у ти са мол'а, пусни балдузата ми да им помогни măра да битисат* [V,PM,62]; ~ *и кога ки ти дојди некоја газа на главата ти, да го туриш перото на вогино, и ниа на тебика можими да ти помогними ништу* [V,PM,96]; ~ *рече: "ајде, вујчо, да направам и за мен хазăр един кон, да дојдам да ти помогнам"* [МС(В),97]; и: **пумóгне** ~ *ká глéјш ká сă-мáче чувéк, дýшта дă-т сă-скúне, áма шо мójш ká нé мójш дă-пумóгниш* [ПК,2(160)]; ~ *идну-врéме си дóе, жéнта а нáе су-идну-чýжцо чóек. Сă-спýшти тó нă-мéне. Жéнта áнди дă-пумóгне нă-мéне, пумóгна нă-тó прийтéл'ут. И кýчито кă-бéше, сă-спýшти, дáп – гу-фáти прийтéл'ут* [ДК,127]; ~ *нéкуј шо нé сă-л'ýте, нé сă-кáре ус-нúкуј, нé зăвúдуве, сáке дă му пумóгне нă-чувéк...*; ~ *пумóгни-си сáм, тą и гóспо дă-т пумóгне, рăбóт-си, мáч-се, пичáли* [ПК,2(190)]; **2.** изр.: **му вели: "поможи Бог, побратими"** и он: "дај Бог добро" [V,PM,223] – поздрав.

помош (и: **пóмуш**) f **1.**'тоа што се дава (односно прави) за да му се помогне на другиот' ~ *уд-нéго нéјкум пóмуш от нóго нăвéле. Ќи-т нăпрáве нéкаа дубрúна стó пăти ќи-т ја нăвéле* [ПК,2(183)]; ~ *пăсéјки óфци нéкуј дéн éдна кăпúна сă-зăпăлúла, гулéм óгин испăднáл ут-тáм. Атáм имáло-пă éдна змú. Змúта пучнáла, ká фăтúл óгино дă-гóре, дă-пúске, пóмуш бăркáла* [ПД,152]; ~ *един уфчáр си-и-пáсил óфцте. Нą-пладнúнта си-j-заплăднувáл пут-иднą-дăрвúче, си-лигнáл. Две гáврăјне зéле дą-му-нéјăт нą-глáвăта. Е, чýл иден-глáс: "Пóмуш, пóмуш"* [БМ(Зб),199]; ~ *напкун как чу селото, тăрчаха на помушт кое с дăрво, кое как са најде* **[МС(В),**74]; **2.** 'подршка' (во случајот од Бога) ~ *и мајка му му рече: "... иди, сино, и меника да не ми заборавиш, ча тебика ти имам веки помошник за сичку!" И така пепел'арув син сос мајчините му молитви и сос господинска помош киниса, отиде на чуздина да работи* [V,PM,48]; — сп. обичај: на вториот ден од *Бужиќ* роднините се посетуваат за да си честитаат. Домаќинот ќе го земе *паурчето* со ракија и ќе наздрави: "*Дубре дујдете! Ка је арно Госпуд да даде; динешин ден за ув ного гудини. Госпуд да даде бириќет и касмет; дедо Бужиќ да ни је на помош, и Св. Вашил' сус здраве да прачекме; Нова Гудина ајарлија да ни биде и Госпуд некуја управија да даде!... Здра ми си!*" – *Сите одговарат: "Спулај ми ти! – Амин!"* – за средниот ден *уд Вилигдин* во Гевгелиско е забележан следниот навик: постарите луѓе ќе се соберат пред вратата од црквата и тука ќе лицитираат за црквенските икони и крстови; откако попот ќе испее: *Христос воскресе,* клисарот ќе го подигне крстот високо, сите да го видат и ќе викне: "*Који има мирак да гу купе? Госпуд ки му даде ного касмет и бирикет, здраве и живот!*", пр. "*Н.Н. за Божји крст даве две кутли чиниња*". Така се

лицитира и кој ќе даде повеќе нему крстот ќе му го предаде клисарот зборувајќи: "*Нека ти је ајарлија и на помуш!*". Има селани кои секоја година "го купуваат" истиот светец: *Гошувчуве* – Св. Васил, *Маркувци* – Св. Лазар, *Попувци* – Св. Параскева итн. [ТГ,61]; од истава регија (Гевгелиско) и од истиот автор (Тановиќ) е регистрирана и фонетската варијанта **помоќ,** сп. дел од вечерната молитва: "*Свита Бугуројцо и Свита Нидел'о, на помоќ да ни бидиш, уд лоши работи да на чувиш! Свита Бугуројцо и Свита Варваро, на вас ви са мол'ум, уф ваши рăци душта си ја давум*" [ТГ,306]; кај Малецки: **пóмуш'** [MS,s,86].

помошник m 1.'тој што помага при вршење на некоја работа' ~ *му вели така: "ах синку, тинака сос това занајат млогу мăка ке да теглиш, туку... Господ да ти е помошник за сичку!"* [V,PM,41]; 2. 'тој што е втор човек во одредена хиерархија, заменик' ~ *"мале, јазе ке да идам на чуздина да работам, за да си чинам човек и да зема малку ихтибар, ча, аку седам тука, сѐ пепеларјув син ке да ми викат". И мајка му му рече: "... иди, сино, и меника да не ми заборавиш, ча тебика ти имам веки помошник за сичку!"* [V,PM,48]; од Солунско: **пóмуш'ник** [MS,s,86]; в. **пумагáч'ин**.

помразни* pf 'настине, измрзне' ~ *нивјастата му отишла на Костадиновата кашта, на Костадинова мајка вели: "варај мајко, миличка бабо, дали ми сакаш тоа вечер на тебе госка да бида, ча имам тузи малко дете без пл'ани, да не гу помразна вăнка?"* [V,PM,228].

пóмрăва adv 'помалку' ~ *и нáз гудúна сăфт'é сăфт'é за дад'é пóмрăва гróздинци* [MS,t,4].

пóнависóку adv 'погоре' ~ *гу з'éј тупýзу, гу мéтна на висóку óш'ти пóнависóку* [MS,t,52].

пóнавăнк adv 'понадвор' ~ *гу тýрнуват т'ем'él'у, гу звáж'дат пóнавăнк, ги фăрл'ат гриндúт'ạ удгóр'ạ, гл'édат – пак кýндури úдат* [MS,t,45]; ~ *"утúдух на перивól'у за да субéра смóкфи и там вúд'ạх инó пúл'ạ маламóсану и р'éкух да гу фáт'а и тój пуб'ăгна пóнавăнк"* [MS,t,45].

пóнагóр'ạ adv 'на повисоко место, погоре' ~ *вúд'ạ инó пúл'ạ хýбаву, алúс маламóсану; трăч'ú за да гу фáти, пúл'ạту скóкнува, утúва пóнагóр'ạ* [MS,t,45]; ~ *момите... му вел'ат: "варај јуначе, как си дошел тука? не ти е страх от ламјата? Ча мајка и по-нагори ја не виде, дека палиши хурната, за тебе жив да ти испечи"* [V,PM,220] – во контекстот имаме редослед несоодветен на нормативниот исказ: глаголот и кратката зам. форма се разделени со негацијата: **по-нагори ја не виде;** ~ *и граѓаните послушаха на старојут човек, отвориха портата; ету и това дјате, што вел'ахми понагори, промина, гу фатиха, гу сториха цар* [V,PM,231]; ~ *пóнагóри утúдуха, нáјдуха идúн стáр сăс брáда, рáбут'ăш'и на табáкш'илýку* [MS-t,40]; ~ *и гу устáви н'éг у нóс р'éнт, ш'ту л'áташ'и, сă пукáци тój пóнагóр'ạ* [MS,t,58] – сп. остаток од назализмот, односно од малата носовка: **гу устáви н'éг у нóс р'éнт**; в. **пóнăгóрце**.

пóнадламбóку adv 'на пониско место' ~ *и гу сúгна на рáмуту и сăс куш'úја гу зан'éси и гу фарлú пóнадламбóку и сă-вăрна да си утúди, да си вéзми лúрата* [MS,t,70].

пóнạдăлéкọ adv, орр. на 'поблизу' ~ *тóгăј мáјорут: "Пýшти-ј бре, кýче крáстăву, л'ýјту..." Тóгăј му вéл'ăм јáс нạ-тó другáрин-ми: "Ајде, Гéли, пóбăрзо, чикóрте и пóнạдăлéкọ дạ-стáпнимă* (пишува: скапнимă?), *нé-сạ-знáе шó ќи-на-нáе удсáдин, дạ-н-му-ј парóла"* [БМ(В),195].

пóнадóл adv 'кон пониско место' ~ *стр'ăднајут брáт утúва пóнадóл* [MS,t,80]; ~ *така сетне га здиг-на лудојут грендата на рамото, кату едно вратено гу носиши. Оттамо отидоха по-надол, најде един камин от воденица, му вели на умовитојут: "брате ја го и прасленот"* [V,PM,229]; ~ *тójнака кáту останал тáму аф баúро при смóквите, пó на дóл мáлку úмаши едúн éзер* [V,PM,28]; ~ *кугá пóнадóл гл'éда инá мрăчува, идúн зандáн' и гу пúта пруфúтис Јеримúјас: "нáс мрăч'ува ш'то-ји?" – "нáс-и кóлаш'у"* [MS,t,60].

понаир* m 'голем собир на населението за некој празник, со веселби, свирки, панаѓур' ~ *кату трăгнаха да подат на понаирот, Петку са запр'а на един орман, да си направи лирата, да ја д'уздиса* [V,PM,196]; возможно дека е превид зашто еден ред погоре наоѓаме: **панаир**.

пóнáка adv 'понатаму' ~ *уткăрúчува ину кóмăт, му-дáва. Оде пóнáка, пá гу нăóжца. – "А, бре дéте, дéк ќ-óјш?" – "Ќ-óдăм дă-си-гу-пáлăм кăсмéтут", му вéле, дéцă-та глáдни-ми-сă"* [ДК,126]; ~ *и уттáму, кăди-пóл нóш, а, нă-бигájне. Оăт нă-бигájне. Тáму кóга тúшле, áма úма сáт, сáт и пóл пăмпýрут дă-дóе. И óна, чýпăта, зăспáла. Тúа пýсти пáри, тúа дисáгите, ќ-устáнăт пóнáка* [ДК,132]; ~ *Мéчкăта фăтú дă-бéга. И дéка ќ-óде? Прáво у-кă-пúнта. Крúвјут вúка: "А бре, нéмој тýка нé-ă нóси, бре! Пóнáка óди!" Нé, тáа пýста тáму óде* [ДК,136]; ~ *óдăт нă-кăлúвăта нă-пăндарут. Висóка кăлúва, су-скáла сă-кăчфáја. Нéма пăндăр. И тúа сă-кáчфăт нă-кăлúвăта, му-ă-зăспýвăт. Грéде пăндăрут ину-врéме, сă-кáчфа нă-скáлта, кóа пýле – двé спúјăт узгóре. И óн му-ă-трăгнýва скáлăта, ă-фăр-л'а пóнáка и си óде* [ВК(Тр),322]; ~ *и вéли на нúх: Елáјте пу мéне, и ки ви чúнам на вáс рибáри на л'ýдите. И óни на тóа чáс скóро емúн (веднаш) си уставúле грúпот, утúдоа пу нéго. И кá си приглиднá пóнака, а виде друзи двé брáтќа* [MV(K),263-264].

пóнан'éтр'ạ adv 'во внатрешноста на нешто, повнатре' ~ *гу тýрнуват т'ем'ел'у, гу прáв'ат пóнан'éтр'ạ, ги клáват гриндúт'ạ удгóр'ạ – млó-гу длăги úдат!* [MS,t,44]; ~ *му р'éч'и : "ут т'éб'ạ пóнапр'ăт дójди пóпут, вéзми гу пáк да гу фарлúш' пóнанéтр'ạ"* [MS,t,70]; ~ *тогас тој и клатнал хортомата, та гу пуснаха. Си завратја оттамо, отиде понанетре, најде четирији удаја.. тамо најде три моми прехубави, штото сос забите бесер точили* [V,PM,220].

пóнапр'ăт adv (компаратив од **напред**) – 1. 'порано' ~ *му р'éч'и: "ут т'éб'ạ пóнапр'ăт дójди пóпут, вéзми гу пáк да гу фарлúш' пóнанéтр'ạ"* [MS,t,70]; ~ *пулéк, пулéк си дójди и тój думá; дур да си пój тój думá, цáр'у си бúш'и уч'ел пóнапр'ăт* [MS,t,35]; ~ *по-напред да пијах вода не можах, да јадам хлеб; да јадах карпус, ми трăпнуваха* [**МС(В)**,76]; ~ *зет'ут киниса от три дни сетни и пак три дни по-напрет отиде на цар'увите конаќа*

[V,PM,36]; ~ *ер как да бида друмут и ако не е като по-наприд, ама па сѐ си устанува оживен сус људа* [ME(P),72]; ~ *ја нáјди, ја ни нáјди, јас ни знáм, си дóх пóнапр'ạт* [MS,-t,43] – отсуство на прашалната честичка 'дали', што се третира за посебност на балканските јазици; **2.** 'попрвин' ~ *óти ки бúди нóгу и гулéм кạд Бóга; и вúно и ракúа да нé пúи, и ут Сфéти Дýх ки си зéви дáрут óшти уф сắрцито бидéки уф мáјка му... И он ки удéл пóнáпри ут нéгу су Сфéти Дýх* [MV(K),294] – зборофомата **бидеки** ја чува глаголноста: **уф сắрцито бидéки уф мáјка му** (= кога беше во утробата на мајка си); ~ *манџ'óт и пóнапрắт' утúди у думá и прáи на ж'инáта* [MS,t,78]; ~ *рáну за стáна ут спан'éту, за сắ óмуја пóнапр'ắт'* [MS,t,65]; ~ *а тýка да си одáви, а тáмо, далгíте гу извадúха понапрет тáмо, дéка сáкаши ... гу фắрли морéту на сухо*[V,PM,8]; **3.** 'побргу' ~ *и кáк гу видéха мóмите Кулýфа, сúчки на нóга станáха от рáдост и којá по-напрет да му речé: "добр'á дójди!"* [V,PM,10]; ~ *имам друг един деф, којто е бắрзоходник. Ки гу извадам да си припуснити: кој ки излези по-јунак, да дојди понапрет, ки му дадам момата* [V,PM,45]; в. **пóнắпрéди**.

понапрешин* adj **1.**'поранешен' ~ *на третта вечар пак му донесле измитчијте мо малко вичера и малко видоло, т.е. една ронка вичера и колко една искра видоло, па гу пúтале куту понапрешните вечери. Он му рекắл: "Што имум на софрата пред мене, тоа касмет е и на децата"* [V,PM,266]; **2.** 'последен, важен' ~ *на тóа врéми, дујдé идéн пијáн човéк на Исус, му дукимáсаши на нéгу, и му вéлиши: Дидáскале, кó-ị пувéл'а пóнапрéжна и гулéма на нóмуто?* [MV-(K),258].

пóнáпри adv 'порано, пред другите' ~ *úди и Пéтрос... шо óдиши пу нéгу, и флизé уф грóбут, и а глидáл сáванити шо стóиа тáму, и пукривáчката шо му имáло наврạс глáвата, не бúло су сáванити, тукý сáмо бéши брáну кýп на иднó мéсто. Тóга вúки флéгạл и другýгјут Ученúк шо дóшạл пóнáпри на грóбут* [MV,K,336]; ~ *úлим тóа шо флéва ут врáта, тóа и офчáр на óфцити. На нéгу му утфáра капицúата, и óфците му слýшат нéгувуто глáс, и на тúи óфци а вúка на úмито... Да кá ки извáди вúи óфци, óди он пóнáпри, и óфците óдат пу нéгу* [MV(K),319] – во контекстот имаме случај за нерегуларна употреба на заменските форми, конкретно: заменката за дативен предмет **му**, употребена наместо формата за прав предмет 'ги': **óфците не му слушáле на нúх** (м.: 'не ги слушале на них').

понапукóшин* adj 'тој што дошол подоцна, задоцнет' ~ *ка умрạкнá вúки, вéли стопáнут ут лóзито на нéговуто пúтруп: Вúкај на аргáтити, и дáј му на нúх áкут му, да зафáти да плáтиш пишúн ут напукóшнити дур на прắвнити* [MV(K),314] – во илустративниот текст имаме употреба на предлогот **од** со посесивно значење: **стопáнут ут лóзито** (м. 'на лозито'); карактеристика што југоисточните говори ја споделуваат со западното наречје, а се работи за влијание од балканската јазична алијанса; ~ *как си дујдéле и прắвнити, умдисáле шо ки зéмат пóвики; и на нúх му дадé пу двé грóшови. Кáк и зéле, фатúа да си лýтат на стопáнот, ем вел'áле: Вúа пóнапукóшнити шо чинúле идéн*

саáт, и на нúх су нáс тóкму [MV(K),315].

пóнáпăкон adv 'подоцна' ~ *óна ка утúшла и кажá на Ученúцити шо си удирáле и плакáле; па óни ка а чýле óти жúв, и сă видé ут нéа, нé верувáле. Да пóнáпăкон си кажá на двé мúна ут нúх шо удúле пу пăтут* [MV(K),333]; и: **понапкум** — кога се *слави служба* се чекаат гости коишто ги послужуваат со кафе и ракија. Кога веќе ќе дојдат сите *на кои се надејат* (тие што ги очекуваат), домаќинот ќе ѝ рече на домаќинката: ~ *"Ајде, чинувајте азăр, а тија што ќи дојдат понапкум па ки ји чинме кабул. Не са карме"* [ТГ,210].

понарахат adv 'поспокојно' ~ *си-утúдух дóма, растувáрих магáриту врăзáх улóвиту, му-дадóх мисирлăк да-јáдат, г'и-устáвих... сă-најáдух зéлник, х'ич' нé-ми-бúш'и слáтук, вăнка дăж'ѝ'иш'и, пусéдух мăра и си-лигнáх, сă-разбýдих, слýшам дăж'ѝ'и, кáпк'ити кáпат, си-лигнáх пóнарахáт* [ВБ-(Нег),339.]

пóнасам adv 'поваму' [MS,s,86].

пóнăтáм adv, 'потаму', в. **понататак** ~ *и сегá óдат, óдат. Сл'áгали отпланúнăтă и минáват кáо, тáă рéкичкă гóри, чúстă, пóтчéтто тáму, нáли, тéчи вóда, се-нăпúли вóдă, л'áтно вр'áми и пóнăтáм мáлку, сéднăли пот-еднá гóрницă (гóрницă вúкăти дúви крýши нáли, тúи мăлéчкити)* [ЛС(К),114]; ~ *имáло нéко врéме трýјца брáте. И-тúă трăгнáли дă-бăркăт кăсмéт, рăбóта. Пăтувáли шо-пăтувáли, гистимнúло ду-нéко вудăнúца. Иричéли: тýк ки-прăспúме..., пóсле кипрăдăлжиме пó-нăтáм* [ПД,167].

понататак adv 'потаму' ~ *са чини кату бустан сас либиници, пак тја са чини падарин, гу и чувала. И ету татку и приближи ду неа и ја пита, без да ја познаи: "Еј падарин, дали си видел от тука да проминат две млади?"... И тој нити либиница и јал, ниту понататак отиде, са вăрна назат* [V,PM,279]; ~ *тогáс дјáволут му вéли: "úди си понáтáтак ке да нájдиш дрýг кату мéни; негу да гу питаш!" И тój кинúса пак на пăтју да úди* [V,PM,147]; ~ *понататак отидоха, забиха гребенот на земјата и на Бога се верно молиха двата: "Боже тос гребен тука да са чинит тес зимби сите трăни и кл'уча, та да не можи човек да промине приз тука"* [V,PM,240].

пóнгóре adv 'укажува на повисоко место', в. **погоре** ~ *стрéшто глéдат адúн кójн пáсе, рăве кójно сýу трéва. "А-бе кójн, árăнто сă-забráве ли?" - вúке сјáа урáчо. И вăлко тáм. "А -а, вúке кójно, сă-зăбráаве já. Ас ká-бúх млáт: óрне, óрне, нă-чéза, нă-чéза, нă-шпиéта, нă-шпиéта. Сјáа устăрéх, аднá клóца ми-ддéе и тýк ќи-с-ýмре, вúке". "Сјáа, вúке, ќ-ит-изéдум, вúке вăлко". "Ош пó нгóре ќ-óдме, дрýк шó-ќ кáже, вúке, урáчо"* [ПК,2(Ним–265)].

пóндóле adv, в. **пóдóл** ~ *нă-трéтјо-дéн пá, óш пóндóле óдăт, глéде аднó прăкăршино кýчинце, кýтре. И нéго о-фáште ус-стáпо, и нéго о-зúме и нéго о-клáве уф-кулúбата* [ПК,2(Ним–262)].

понéже conj 'бидејќи' ~ *На дорă му имало един кавак (топола), на нег направил гн'аздо и четри години прил'атовал там. На сетнăтă годинă един ден жената му прала на дорă. Тја вăрх купан'атă оставила си пăрстен'а и, понеже хи завикало горе детето, оставила си там пăрстен'а* [V,PM,285]; ~ *млóгу беши богат, кójто иман'ето нéгову немаши крáј, али понéже Господ не му дадé*

чéду, и за това́ мло́гу си молиши на Бо́га [V,РМ,7] – уште една потврда за присуството на адверсативниот сврзник **али**: **иман'ето не́гову немаши кра́j, али поне́же Господ не му даде́ че́ду**.

по́ни́ску adv '**подолу**' ~ *"с'е́ напо́сл'ạт м'ен'ạ да и́диш', да ни по́ш' ни по́висо́ку, ни по́ни́ску"* [MS,-t,58].

По́норе, и: **По́нор** (уште се викаат и: **Еле́шките ду́пки**) top. 'две пештери, понори во околината на *Елес*, Драмско', според Ј. Иванов "таму се губат водите од Зрновското поле, над самата утока има огромна карпа како со нож пресечена; од стсл. **поноръ**, образувано од **по-** и **-норъ**; со редување на кореновиот вокал **-ниръ** во *нириште*, сп. стсл. **нирьць** 'понор, пештера', струс. **новръ**, река *Нур;* сп. *нирец* 'вид птица, гнурец" [ЈИ,Ми...,176]; во кукушкиот говор запишавме: **ну́рке (сă)** 'кога оди се плетка во нозете'.

по́нăва́кичка adv 'ваму' (со чувствен однос) [ПД(131)].

по́нăго́рце adv 'на повисоко место' (со чувствен однос) [ПД(131)].

по́нăна́ки adv'потаму' ~ *ни́jă ка́ пăтува́ме, ка́ пăтува́ме, а́дно вре́ме ко́га сắмна, па́ нă-тва́ ме́сто. По́нăна́ки не́-сме знăjа́ли до́дме. Усăмна́, па́ та́м, нă а́дно ме́сто, Же́нцко му-ви́кăт, ф-Же́нцкуто по́ле* [ПД,172]; ~ *нăто́ă друга́ро ве́л'ум: "Ле́гни уф-та́а кăпи́на", că-бутна́ме та́м, ле́жи ту́ка. По́нăна́ки не́ма мăрдăне. Лижа́ме, лижа́ме, адно́ вре́ме, ка́ нăзăjде́ сла́нцăто ти́ă că-пăрбра́ нă-до́ло. Аjде, тăргна́ме сjа́ зă-ф-се́лто* [ПД,172].

по́нăна́м adv 'потаму', в. **по́нăна́ки** ~ *ви́кум: "Ву́jко, ду-на́ште дă-пу́штиш а́jн чувéк уд-ва́ште... дă-ми-зе́ме ру́би нă-ме́не и-се́стра-ми и же́нта дă-до́ат ду-ту́ка". То́ă чувéк удде́ и ми-дунсе́. И-же́нта дуjдé. Ви́кум: "Дă-ми-дунéсиш три́ ли́ри па́ри"... Мо́рум дă-и-уста́вум, де́к к-о́м по́нăна́м* [ПД,173].

по́нăпре́ди adv 'порано', (в. **по́напр'ăт** 1.) ~ *ама-пре́д дă-ста́не, о́ште три́ де́на ка-устăна́ле, дуjдéла е́дна гу́пка. Зна́е о́ти чувéко ки-ста́не нă-читири́jсто дéн, зă-три́ де́на дуjдéла о́на по́нăпре́ди, нă-мо́мăта гă-нăкăра́ла д-ин ле́гне нă-ску́то, да-по́ште* [ПД,164].

по́нăстридú adv 'кога нешто се наоѓа не на крај туку на средина' ~ *"Е, а́jде, мури́ ку́мо ли́со, дă-м-уднéсиш нă-ре́кăта и а́с дă-фа́тум ри́би". Удде́ли нă-ре́кăта, лиси́цта мувăрsа́ла нă-вắлко ắди́н ку́п нă-па́шкăта и му-ве́ле: "Фле́зи по́нăстридú, о́ти та́м и́ма по́гуле́ми ри́би"* [ВК(Пат),286].

по́нăтăкá adv, в. **понататак** ~ *ка́ бига́ме, уд-Нима́нци ка́ излизе́ме ни́ă удде́ме нă-на́што се́ло, нă-Плăни́ца. Плăни́ца по́нăтăкá е, о́на не́ би́ше зăпа́л'на. Си-пумина́ме, вуjна́та că-би́т до́лу не́л'. Ни́ă биз-вуjна́ бе́гме. Пу-на́с не́мше дă-пу́кат, а́ма по́л'то го́рише га́ре* [ПК,2(Пл–250)]; ~ *А-зе́л лиси́цта, а-фăрли́л нă-ко́лта ... Лиси́цта пуле́ка, пуле́ка лăзе́jки дуjдéла дуади́н ко́ш сус-ри́би и ăдна́ пу-ăдна́ си́те ри́би ги-фăрли́ла... Мăтрăпа́зо ни́што не-пикăса́л и гини́ш-гини́ш си-вăрве́л по́нăтăкá* [ВК(Пат),285]; ~ *că-упна́л те́гле, те́гле и ку́п! că-скина́ла жи́лта и вắлко тắнгăрă-мắнгăрă că-тăркăл'а́л нă-до́ле ча́к ду-ре́кăта и ема́н не́-că-удăви́л. И тăка́ ку́с, бис-пắшка си-трăгна́л по́нăтăкá* [ВК(Пат),287]; ~ *стắну-ве дéтто, о́де. Удде́л, ту́ка ше́ти, ф-то грáт пи́ти, по́нăтăкá ше́ти, пи́ти и о-нăjдéл Ло́ндун. Нăjдéл*

Лóндун и са:-питáл дéка-j цáрскăта пăлáта [ПД,148] – удвојувањето на предметот е позната појава во југоисточните говори, но не е доследно спроведена како во западното наречје, сп.: **Нăjдéл Лóндун и са-питáл** (м. 'Го најдел...), но еден ред погоре: **о-нăjдéл Лóндун**. Во пунктот Ниманци ја забележивме скратената форма: **пóнткá** ~ *"А бé кýче, ви́ке урáчо, árнăто сă-зąбрáве ли!" "А-а, сă зăбрáуве já. Jác, ви́ке, кá бих млáдо óфце чýвах, дóма нé пýштах ни́што, е сjáа, ви́ке, устăрéх ма-испăдúа уддóма". "Е, сjáа ќи-т-изéдум, ви́ке пák вăлко". "Нé, пó-н-ткá ќ-ójме, óш адúн дă-пи́тме, рéкăл урáчо"* [ПК,2(Ним–266)].

пóóдусáт' adv **временски:** 'подоцна' ~ *já ти гу úди цáру, прумúна сăс з'éнт'уфцéту, му вил'áт: "áдибé Ќел'éш', óш'ти тук си?!" "é, ш'тó да прáв'ą ... такфóс халáт ш'ту ми дáди цáр'у и jác пóóдусáт' да дójда"* [MS,t,35].

пóотсăди adv 'на крај, назад' ~ *нą свéкурут бухчăлăк, нą свекăрвата еднóшка, нą чтúри дéвире, нą сúте бухчăлăци, нą зóлва, нą чúн-му, нą-вýjку му, нą нéгувут тéтин, нą кýмут (пóотсăди)* [ИГ,116]; ~ *удидну врéме сă-скăчúа нă-иднă-угурúна. А ждрéбито устáна усáди нă-нúвјата, пáсе пóусáди. И вúкна ждрéбито: "Мájко, чéкăj-мă!"* [ДК,138].

пóп m 1.'свештено лице (од православна вероисповест)' ~ *идúн пóп утúди на удинúцата да м'éли пш'инúца* [MS,t,78]; ~ *поп куту секуј поп, му веле: Не знам оти нема Св. Стујан, ама, ако сакиш, дај ми една овца па да ти клам едно име, што го пише уф сите калиндаре. Тоа прастанал на ваја работа, дунесуве една овца и дубијве име Јован* [ТГ,26]; ~ *му р'éч'и : "за ти дáм иднá лúра, тóс пóп да гу вéзмиш' на грабóт, да гу занис'éш' "* [MS,t,70]; ~ *булгáрскă и грăцкă пèнт пóпуви сą стóриха* [ПсС(З),64]; ~ *пóпут, кăк тимн'акóсуваш'и, утúди при н'éја, и кл'éпна ас укóту* [MS,t,67]; ~ *и пóпиту там хазăр' , ги винч'áха* [MS,t,13] – за проширената употреба на множинската наставка **-и** кај едносложни именки: **пóпи** (уште и кај именки од ср. род) в. поопширно во граматичкиот дел; **2.** изр.: **пóпо дą ти вúкне** (= клетва – кога на некого му се пожелува смрт) [ПК,2(188)]; **дáj-си пóпе жéнта** (= кога од некого се бара премногу, пр. работи што и нему му се потребни) [ПД,137].

попала* pf 'побара' ~ *как ги попалаха јуруците козите, дојдоха на Солун и зимаха ил'ам от пашата да отепат кăде ки најдат харамиата* **[МС(В),**73].

попáра (и: **пупáра)** f **1.**'вид јадење, попарен леб прво со врућа вода а потоа со врућ зејтин' – се јаде наутро [ПК(Гăр)]; ~ *сýj зáлци сăпупáрăт ус-врéла вóда и шăрлáн* [ПК,2(87)]; ~ *тој ми велише да не јадам попара, нито луковина* **[МС(В),**77]; **2.** 'јадење, што се приготвува од вода, оцет, зејтин, пипер, пиперки и сол' [MS,s,86].

пóпадна pf 'падна, налегна (во случајот: слана)' ~ *ráно сланáта пóпадна,[пред сáми ден Илинден,[па ми-попáри, попáри,[сè по-полéто трéвата,[и по-горáта шýмата,[лéлин áман шýмата* [ПК,2(236)].

попáри (и: **попаре**) pf **1.** 'кога кожата ќе дојде во допир со врућа течност' ~ *ами́н, дéтто сја: пупăрú рăкта, сáке да-м-тýрум зијтúн;* ~ *лудојут кату отиде на гората, за един сахат и дошел сос три товара дарва, у дома разтовари, и зел един гол'ам казан и клал вода да са топли. Водата беши завр̀јала харно. Тогај зева мајка му да ја умуј, ја попари чисто* [V,PM, 228], ~ *нези, на котри ни може да млејă воденицата, да угреет един казан вода и да јă изсипат по каменето: и дјавола шта попарет, и воденицата шта замлејă* [V,PM,282]; ~ *и му вели лудојут на умовитојут: "јазе, брате, ја умух на мајка главата ú и л'у ја омух, отворила устата и сакаши да јади, зех и јаз едно ице, ја дадох да јади". Тогас умовитојут познал, ча ја попари тој мајка му* [V,PM,239]; ~ *дјáкут и диспóт'ут, сă пупáр'ạха и умр'ăха* [MS,t,68]; ~ *гă-гледáле нă-рéт мájкă-му. Дóбро-ама, то: пóмăлé'кио мáлко чăпăршăк бúло, без акăл. Ка-дујдéло рéдо нă-нéго да: глéде мájка-му, зă-глáвăта д-ин-измú:, гă-пупăрúл, умрéла... "А-бре Лýдо тú шó ин-нăпрăвú? Тú мájка, ричéл, са: пупăрúл мијájки"* [ПД,161]; **2.** 'кога наесен растителноста ќе ја зафати студен бран, што ќе ја смежури (во случајот кога ќе падне слана)' ~ *ráно сланáта пóпадна,[пред сáми ден Илинден,[па ми-попáри, попáри,[сè по-полéто трéвата,[и по-горáта шýмата,[лéлин áман шýмата* [ПК,2(236)]; **3.** – **(си)** 'почувствува лут мирис' ~ *мишката... сос самоладу, си намака пашката, и пак оттамо отиде на червен пипер, си упипели пашката, и сетне утиде, дека спјаши царјувата мома... пашката и ја бутна нетри на носот; момата от пиперот кату си попари, еднош кихна* [V,PM,204]; **4.** изр.: **на душата ми попари** (= почувствував пријатна возбуда) ~ *фати да казува на мајка ú: "ах, мила мале, динеска небету ми чини вредна, да видам доброто халваџијче и от неговата гиздава рăка да земем блага халвичка! Ами, мале, тој не е момче на земјата, тој е ангел и, л'у гу видох, на душата ми попари* [V,PM,56]; скратената **форма се јавува со обратно значење: мă-пупарú** (= кога човек неочекувано ќе слушне нешто многу непријатно) ~ *тиạ лáфуве шо ми-ј кăжá, мă-пупăрú* [ПК,2(179)]; во клетви: **пу-дрóбо дă-тă-пупáре** ~ *тăкá ги кăлнạт жèнте нạ мăјшто кá сă кáрạт зă-пáри* [ПК,2(189)]; **пáри, пáри, до:-пупáрạт** [ПК,2(188)]; верување (суеверие) – ако во некоја куќа има болен *уд баба-шарка* (сипаница), кога се перат алишта не смее да се вријат, зашто може *баба шарка* да биде во облеката, па ако се таа *пупаре* тешко на тоа семејство [ТГ,128].

попаси* pf 'кога добичето јаде трева, ја кине директно од земјата, но за кратко време' ~ *достигнаха ду ламината земја при ливадите, пуснаха таму мулитата да попасат малку. И јунаците седнаха, хесап чиниха* [V,PM,44]; ~ *ка усамна, пуштиха коните на зелена ливада – коните да попăсат, а они малци да илиндисăт* [МС-(В),95]; и: **пупáсе** ~ *спригнáх, урáх, ми-са-прија́ди, запрéх улóиту сиднáх, си-најáдух, пáк урáх, сéтн'и г'и пустúх улóиту на-плáднина, пáк г'и-пасúх, утúдух на-рéката г'и-пóх... пá г'и пупáсих улóиту, г'и-збрáх и трагнáх да-си-дохóж'ụ'ам дýр дадóм* [ВБ(Нег),339].

Попвасил'ова Кузн'а top. 'ковачка ра-

ботилница во Горно Броди на К. Попвасилев'; сп. лексички архаизам: **кузн'а** [ЈИ,Ми...,176].

попие pf 'голтне течност (во случајот вода)' ~ *нашел тамо двете овци, спроти как му каза нај-малката мома; отиде нетри мрачива, вјахна чарната овца, отиде на долна земја у една стара баба на гости, поиска тамо вода да попие* [V,PM-,221].

по́пијáн adj **'тојшто испил повеќе алкохол'** ~ *é, вá ни́вăта, ричé, вá зе́мјăта, вá трéвăта е-нéјна, нéјно чéдо. Кóлку дă-и-трéбиш, кóлку дă-ă-чи́ниш, тá пáк ќи-ни́кни. Тó му-ј нéјно чéдо. – Хá, мáјкăта, пóпијáн испăднá ут-ни́х пóпăмитли́ф* [ВЕв(Кор),305].

попика́и pf 'исфрли урина, се измоча' ~ *на прóсикат му дојдé рашитувáни, óтиде на потрéбно мéсто да си рашéта. Остáви кривáкот на зéмјата та фáти да содварзýва чакши́рот, за да попикáи. Тогáј харами́ата му земá кривáкот и побегна отта́му* [V,PM,189]; ~ *нá оновá брјáст дојдóха едни́а базирѓáни сóс четири́јси товáра нéшто тимјáн и вóсок, под сéнката разтоварúха и седнáли дá почúнат. Они л'у седнáха, тóјнака на брáта му вéли: "бráте, мéни ми сá пикáи! Ки си пóпика от тýка"* [V,PM,126]; в. **пушика́ва (сă)**.

попи́та* pf 'распраша' ~ *и го принéло, та отишéл при мóмите на сарáе, похлóпал, та изл'áли и трúте при нéк сас еднаквá премéна, еднакăф возрáс, еднаквó лúце. Попитáли го: "Е, што úма?"* [V,PM,275]; ~ *и ханжúата, му кáзал: "Ето нóзинáка ч'орбажúа, нó шта гó продадé зарáт ходаéта, óти л'у кój приспú фаф нéа, ни осăмновашја. И порýкали ч'орбажúата на хáна и гó попúтали, кóлку гу тéра, – и чорбажúата му казал: "хил'áда грóшја"* [V,PM,-254-255]; ~ *пáк тóјнака отúде нá кóн'у, са попúта, и кóн'у му вéли: "сегá да ми вјáхниш и, кáк ки промúними от злáтната јáбăлка, да глéдаш да искúниш едúн дáл ú да побéгними, чá áко усјáти лáмјата, и тéбика и мéни ки ни изјáди, хич нéма селјамéт!"* [V,PM,113]; и: **пупита** ~ *Гулéмиăт: "Јáс аку-не-бéк нúшту нă-мóжикте да-нaпрáвите". Дрýјкăт: "Тăкá...", нáчи* (значи) *пувăрзáни бúле. Ајде, цáрут ќи-арéше вá рăбóта. Оат нa цáрут сукéрка-му. Рaдóсин цáрут е, шо направúте? – сéга дa-вúјмă нa-кóгo припájѓа. И пупитá сăте кój шо рăбутú* [БМ(В),196]; ~ *урáчут сăчудúл – чудúл и си-рéкăл нă-ýмут: "Ај дă-вúдме и вó мурафéт нă-дéуту" и зăурáл тăкá, кá му-кăжáл стáрицут; кă-извăдúл три-читúри брáзди, дéду Гóспут гу-пупитáл: "Е, му-вéле, сă-нăсмијýва, кá ти-сă-пýле сéга урájниту?"* [ВВ,309].

Попкостово лувиште top. 'име на место покрај брегот на Дојранското Езеро, семејството **Попкостови** таму имале **лувиште** (рибарска колиба)'; се наоѓа во локалитетот **Рăт** [КД,65]; **Попкостови** имале и друго **лувиште** што се наоѓа во локалитетот **Црнила** [КД,65].

Попкочево лувиште top. 'име на место покрај брегот на Дојранското Езеро, семејството **Попкочеви** таму имале **лувиште**'; се наоѓа во локалитетот **Малéчка калдăрмá** [КД,65].

попла́чи (си) pf 1. 'се расплака' ~ *царјувата мома кинисала да иди и пак на мајчин гроб са поплачи, и пак от гроб глас са е чуло: "Немој плачеш, мила керку! Лy дека имаш*

закопани двете прачки, жăлтата да земиш и сос неа царјувото дете да гу учиш. И кату ки са научи, после теби ке ти сака" [V,PM,276]; ~ *"от то вечер аку останеш трудна... и аку родиш момче и да нарасни, тогас да му дадиш пăрстено да ми тера, да ми најди". И така жената зема пăрстенот, поплакоха и двамината, и така си разделиха един на друг* [V,PM,55] – во текстот имаме проширена употреба на предлогот **на** наместо 'од': **и така си разделиха един на друг; 2.** 'се пожали' ~ *отúваши по нéкој пăт на брáта му да си попláчи за нéшто* [MSt,13]; ~ *и сичката околиа отидоха, са поплакоат на царјут от них. Царјут прати млогу аскер, дека да ги најдат харамиите да ги утепат... Сички ги отепаха; Дили-Димо сам остана, виде, ча инак не можи да чини сам на царските човеци са придади* [V,PM,66]; и: **пуплаке** ~ *ох, милна мале, милна мале![на кого ме устави, милна мале?[дали ме пурасна и суриди,[па си риче стиге гајри,[она може сама да се гледе?![ти са суриди и киниса,[ама не питиш и за мене,[как ки пуминум, век да викувум:[на кого дерт ки си кажум,[на кого ки са пуплакум* [ТГ,264]; ~ *аj, утúшле ујáзут, ма-а-вăрзáла кăрблăта нàвóлкут за-пáшкăта, гу-пуштúла ујáзут... вóлкут му-са-скинáлă пáшкта и истăрчáл. Му-са-пупла̀кáл на̀-кума-Лúја: "А, кума Лúе, мóр вúди сăм бис-пáшчичка!"* [БМ(Сар),203].

попов* adj 'нешто што му припаѓа на попот' ~ *југријала рана звезда,[брке место да кундисе,[место не ја харисуве...[харисала, биндисала,[ф-тија попови јудаји,[тамо има ду две баби,[ду две баби кавеџијки,[две нивести измитчијки* [ТГ,52]; ~ *тогас нивјастата му си оплашила млого и лу дојде кривата самовила, царјут ја вели: "ади да тја видја, ако можиш да погубиш попов сина, момата ми да ја земиш, и цар да ти сторја на моето место!" Фати да вика крив самовил: "ох, дека е попов син?"* [V,PM,226]; ~ *оj ти Кóл'о, бáбин Кóл'о, бáбинѫто дéте! зáшто шéтăш бáбин Кóл'о, пу-Пúрин Плăнúна?[бáба ќи-тăжéне, Кóл'о, зă пóпува ќéрка* [ДК,156].

по́по́вики adv 'повеќе' (со удвоена компаративност) ~ *кугá ја вúд'ą мăш'тихá-ји сăс пу́лна фу́та мáламу о́ш'ти по́по́вики изил'énса* [MS,t,63].

попорасне* pf 'стане поголем, одрасне' ~ *Дăштарчинката, като погол'ама, скрила паритја, што хми оставил тато хми, и тă такмила сичкитја потрăби на кăштăтă... Синчато кога попорăснало, пак го питала: "Да си имаш, брача, пари, што ќу си купиш?"* [V,PM,291].

попошта pf 'исчисти главата од вошки'; в. пошта ~ *Свăти Ѓорги хи рăкал: "Ми сă боиш, ăз ќу кортолисум тојă момă: ти иди дома си, пак момата нăка дојдă да ма попошта дур да ламјă от морă излăзă!"* [V,PM,288]; ~ *като пасла говедата, паднала хи и сја тарколила, та утишла в еднă долчинкă... видела там, чи седјала еднă бабă. Момичката хи рекла: "Белки, бабо, најде тук еднă питинкă?" Бабата хи рекла: "Ни сум, синко! Ела да ма малко попоштеш!"* [V,PM,286]; ~ *отúде да га тéра ту́ка-тáмо, га нáјде и га вéли: "óх, мúла сéстро, кáк си чинúла дури вéки царúца? Тóлкос Гóспот вéки ти милу́ва, и*

ја́зе по́вики ти милу́вам. Ле́гни си ма́лко да ти попо́штам. И тја́нака ле́гнала. Тогáс сéстра ú га удавú и га зарú на двóрот [V,PM,133]; и: **пупо́ште*** ~ *Не́кој Ара́пин сӑ-кӑжа́л куту пилива́н, пӑ скри́л-се ф-не́кој баúр, ф-не́кој дрӑмки; гле́де ка́ ќи-до-ла́мата. И то́о зулъӑва́л-се, ре́кӑл: "Ај мъ̆р мо́ме, дӑ-мӑ-пупо́штиш ма́лко", и лигна́л нӑ-ску́то нӑ-та́а мо́мӑта* [ПК,2(Мор–229)]; ~ *"Е, шо́ ќи-т дӑру́м?" "Не́ма дӑ-мӑ-дӑру́виш, ре́кла, да́ј дӑ-т-пупо́штум ма́лко", нӑ-цъ̆ри́ца ú ре́кла. Ка́ да-излӑже? И сја: ви́ке: е́л ќи тӑ-пупо́штум. Та: пӑ легна́ла, легна́ла да-пупо́ште* [ПК,2(Пл–259)].

ǫпра́(в)ǫ adv 'кога нешто е сигурно точно' ~ *ти́ǫ гле́дат да-го-да́дат дете́то на́ли, не́-е за-пари́ рабо́тта се́гǫ. Та́а бо́гата фами́лиа била́. И-го-да́ли на-ти́ǫ таргофци́ти. Таргофци́ти на-кој ќа-го-зане́сат, го-зане́ли на-ца́ро, на-фараóн ǫпра́ǫ. Не́мал д'а́ца. И тва́-д'а́ти ǫпра́снало, а́ма било́ мно́гу му́дро, и́тро* [ЛС(К),110]; ~ *ви́ка: "Пре́ку ма́мчито, ви́ка, пре́ку прозо́рчито вле́зе, ви́ка, еди́н гӑлап и-ми-се́дна на-ра́мото, ǫпра́во на-де́сното ра́мо да́же, ви́ка, и-а́с, о́п! да-го-фа́та и-о́н си-ле́тна, искочи од-прозо́рецо"* [ЛС(К),111] – во истражувањата на долновардарските говори (и теренски и од материјали) односниов глагол (**искочи**) го немаме констатирано.

по́пук (и: **пу́мп** односно **пӑмп**) m **1.**'трага од папочната врска (на среде од стомакот)' ~ *ни́ӑ по́пук гу-ви́киме. По́пуко* (и: *по́пко*) *ка́ гу-вӑрте, бӑшка́ е о́н, а куре́мо ка́ гу-бо́ле – о́н це́л'о. И куре́мо мӑ бо́ле и куре́мо мӑ-вӑрте, гу и́ма то́о. Во́да ак прӑ-пи́јш, тугáј о́н зе́ме дӑ-сӑ-прути́ве и не́ма дӑ-би́јш кут ка́ си би́л* [ПК,2-(Грам–238)]; ~ *гу пи́та по́фтур: "ш'то́ кла́ди да сӑ пука́ци?" "кла́х риж'е́нуту на пу́мпу да сӑ пука́ц'ах!"* [MS,t,51]; ~ *пӑмпу мӑ були́* (= ме боли стомакот) [ПсС(З),64]; **2.** 'центар на нешто' ~ *му вили́: "ти да по́ш' на иди́н распӑнт' да с'ӑш' бустанлӑк ... за с'ӑш' и три глáвн'а на-по́пуку, кугá за ви́диш' да пу́снат да́луви, тугáс да зна́ш' , ч'а ти сӑ плат'е́ни гр'ӑхуве́ту!"* [MS,t,43]; **3. изр.: по́пко мо-ј вӑрзан та́мка** (= постојано оди некаде) ~ *нӑ-си́н-ми по́пко мо-ј вӑрзан (зави́ј̆н) уф-каави-не́то* [ПК,2(188)]; **мӑ-вӑртиште по́пуко** (= ме болеше стомакот); со исто значење: **сӑрцуто мӑ ја́де [ПД(115)]**. Прави впечаток дека во заглавните зборови **по́пук**, односно **пу́мп** како рефлекс за големата носовка среќаваме **о**, односно **у**, иако нормалната замена за споменатата носовка во југоисточните говори е **ӑ (рӑка)**. Оваа нерегуларност би можела да се објасни како **лабијализација; освен тоа** во формата **пу́мп** забележана во Солунско се присутни и траги од назалниот изговор: **на пу́мпу** [MS-t,51]; паралено со **пумп**, Малецки од Солунско наведува и **пӑмп**.

по́пӑвӑли́ја m 'жител на с. Попово, Дојранско (за жал сега во Грција)' ~ *то́о шо́-ј ут-Пупо́во о-ви́кме по́пӑвӑли́ја* [ПК,2(87)].

по́пӑмитли́ф adj 'поумен' ~ *е́, ва́ ни́вӑ-та, ричé, ва́ зе́мјӑта, ва́ тре́вӑта е-не́јна, не́јно че́до. Ко́лку дӑ-и-тре́биш, ко́лку дӑ-ӑ-чи́ниш, та́ па́к ќи-ни́кни. То́ му-ј не́јно че́до. – Ха́, ма́јкӑта, по́пија́н, испӑдна́ ут-ни́х по́пӑмитли́ф* [ВЕв(Кор),305].

пор m, zool., Mustela putorius 'мало диво животно, се храни со јајца, пилиња, испушта непријатен мирис' ~ *кулк-а́дна ма́чка-ј, сӑ-кри́и уф-зе́мта, и́ма ло́ша ду́ра, смӑрде но́го* [ПК,2(87)].

по́ра f 'возраст, често во споредба меѓу возрасни' ~ *нă ко: по́ра би́ше?* [ПД(117)]; ~ *адна́ по́ра би́хме ус те́јк-ти* (= на иста возраст бевме со татко ти) [ПК(Гăр)].

пора f 'железо среде главината на тркало од коњска кола, таму влегува осовината' [ПК,2(87)].

поранка* f **1.** 'наредба' ~ *отидоха царските л'уди пак на цар'ут, му казаха, ча сфăршиха поранката му* [V,PM,33]; ~ *рекла крал'у на крăпачино да му најди 40 јајца с по еден зајк нетре... сиромах крапачин, си отишел кахăрлиа да ја вели на жена му: "ох, мила жену, как да чинам јази сиромах, зашто крал'у ме наричја тешка поранка, да му најда 40 јајца с по еден зајк нетре"* [V,PM,243] – во контекстот имаме пример за нарушена конгруенција: субјектот е од машки, а предикатот (л-форм.) во женски род: **рекла крал'у на крăпачино** (со повеќекратни проверки утврдивме дека се работи за нефункционирање на категоријата род – за ова в. во граматичкиот дел); **2.** 'желба, соопштение' ~*"ету виа тука имате млого имани и пари, ама вашиот син млого са мăнчи тамо?" Кату чу така уврјајката му вели: "ох, господине, дали скоро за поиш тамо?" И тој вели на неа: "истина, јазе пак скоро за пода тамо, ча имам млого поранки тамо, и, ако сакаш да му зан'а нешто, дај ми да му занесам"* [V,PM,225]; **3.** 'совет' ~ *кату свăрши татко му порăката, са прости сос сичките приатели и со́с домашните си, придаде́ си душата на Бога* [V,PM,7]; ~ *и кату гу сечиши дăрвото, кăлниши Адама и Еву, велиши: "така от Бога да најдат Адам и Ева, што не послушаха Бог, што им порăча, л'у престăпнаха неговата порăка, та сега и ниа са мăчими тука гладни и жедни!"* [V,PM,64].

по́ра́но adv **1.**'некогаш, одамна' ~ *мăле́чка вăрчва, уд зе́ма нăпра́вăна, по́ра́но уф-н'а: мле́ко дăржа́ли, ма́сло; и́ма ра́чки две́, ут три-шти́ри ки́ла, пе́т* [ПД(120)]; ~ *зă-ма́ндрите нај-ло́ш е Дубрувено* (име на ветар што дува во Дојранско), *о́н ду́: ут-Кру́ша, ут Су́рл'ăво, по́гуле́ми дăлги́* (брановви) *пра́ве, ги-рăсту́руве ма́ндрите, ле́сите ги-суде́руве и тăка́ ри́бите избе́гувăт. По́ра́но но́го ште́та пра́вище, ти: гудии́ни не́ ду́:* [ПД,129]; **2.** 'побрзо' ~ *да не́ че́киш дă că сте́мне, да си до́јш по́ра́но* [MS,t,15]; ~ *и тăргна́ме ут-Сики́рник, ту́к ут-Куле́шино, то: пăт пра́во зă-Мо́крина. Уддéме, Мо́крина пра́зна. Нăсили́ли că-та́м на́ште бижа́нци по́ра́но, по́ăрните ка́штички тăка́ фăна́ли. Ни́ă пра́во нăкра́ј адна́ по́вира́н ка́шта бутна́ме-се, кулк дане́-сме нă-мигда́н* [ПК,2(221]; ~ *двете деца на човекут си спале заедно. По големјут станувал порано. Коа да виде, пăрвната састра, от как јале кукошката, един алтăн паднăн до главата на брат мо* [V,PM,274] – употребата на кратката форма **мо** наместо 'му' не е превид на запишувачот туку резултат на асимилација и контракција од дативната форма 'му' + акузативната 'го': **мо** < му го, **возможно** дека потоа се проширила односнава употреба и се јавува **мо** наместо 'му' и во случаите како: *брат мо* (?).

по́рас m 'студен полноќен ветар'; во други говори: 'полноќ' [BV, 135].

пореди* pf 'истера нешто по ред' ~ *братјата и́ ка дошле, поголемјут и́ брат тискал на вратта, не можел да а отворе. Сите осум братја са поридило, не можеле. Нај-малечкут,*

ка са напнал, а отворил [V,PM,269] – случај со нарушена конгруенција: субјектот во множина, а предикатот (л-фор.) во едн. ср. род: **сите осум братја са поридило; за ова в. во граматичкиот дел.**.

пори́ни* pf 'исчисти' (со лопата) ~ *за му кла́да пл'ӑва да ида́т, за ч'е́ш'а о́луве́ту, за по́рина аху́рут* [MS,t,65].

по́рнува impf 'убива'; сп. ~ *за т'а по́рна* (= ќе те убијам) [MS,s,86]; значењето што го наведува Малецки може да биде и пошироко : удира со остар предмет, пр. ако волот удри некого со роговите.

поро́ди* pf ' "донесе на свет", роди' ~ *и се́тне мома́та са огоди́ за еди́н дру́к от се́лоту и са ожени́ и породи́ до три́ си́на, што́то сега́ чјол'а́к кату тјах не́ма на јуна́сту, што́ са врјадни да ди́гат ду пе́тстоти́н оки́* [V,PM,260]; ~ *Соломо́н би́л му́дар. И-она́ вр'а́ми има́ло породи́лин до́м. Дв'а́ же́ни, една́ же́на ту́к, една́ же́на та́м, уф-една́ со́ба и-со-сре́ќата се-породи́ли. Едната же́на те́шко спи́ела уф-сӑн* [ЛС(К),109].

породи́лин adj 'нешто што се однесува на породај' ~ *И-она́ вр'а́ми има́ло породи́лин до́м. Дв'а́ же́ни, една́ же́на ту́к, една́ же́на та́м* [ЛС(К),109].

Породска Добрава top., сп. **добрава** 'млада, силна, несечена шума', одосниов стсл. збор се јавува и како **дубрава,** т.е. големата носовка се јавува со нерегуларната замена: **о**, или **у (според Ј. Иванов) [ЛИ,Ми...,114].**

по́рта f **1.** 'широка врата низ која се влегува во дворот или во куќата' ~ *дру́гајут д'е́н' хо́ж'да д'ӑду́ту на ма́лкајут бра́т на по́ртата* [MS,t,**80**]; ~ *как б'ӑгаш'и пу сука́ку, ви́д'ӑ ина́ по́рта утво́рина* [MS,t-,56]; ~ *ш'е́таха, ш'е́таха но́с д'е́н', вич'аро́т фта́саха на по́ртата на на́с ж'е́на* [MS,t,68]; ~ *му ве́ли: "ка́к ки вле́зиш, л'у не́три от по́ртата и́ма е́дна че́шма жи́ва во́да. Ти са мо́л'а, на́ ти и едно́ шише́нци, да нал'а́иш мӑра во́да"* [V,PM,122] – во текстот се забележува нерегуларна употреба на предлогот **од** наместо 'зад': **не́три от по́ртата** ; ~ *сӑ ту́рна удго́р'ӑ ут по́ртата смо́ла на врӑх мума́та и ја смули́ удго́р'ӑ дур до́л* [MS,t,64]; ~ *до́јди о́сим сӑтут и по́пут ч'у́кна на по́ртата* [MS,t,68]; ~ *па́к хло́пна по́ртата; то́ј и́ вили́: "ко́гу ч'у́ка вӑнка?"* [MS,t,68] – употреба на формата за директен објект **ко́гу** наместо номинативната 'кој' (**ко́гу ч'у́ка** м. 'кој чука'); ~ *кугá утиди на по́ртата, сӑ убрнува, кугá гл'е́да: ч'ув'ӑк* [MS,t,55]; ~ *ути́ди да ти напра́ви пӑнт', да ти утфо́ри и по́ртата, да по́ш' пра́в'ӑ на парадисути* [MS,t,57]; ~ *ви́ди ино́ сф'ӑти́лу на крајо́ с'е́луту, ути́ди на по́ртата, чу́кна* [MS,t,15]– беспредлошка употреба на додатокот за место: **на крајо́ с'е́луту** наместо 'на крајо́ од се́луту'; ~ *и то́ј си бити́са п'ӑсн'а́та и ста́на да си по́ј; т'а́ ут го́рнију сука́к, то́ј ут до́лнију сука́к и сӑ ч'ати́саха на по́ртата* [MS,t,27]; ~ *но́ќа биде́ки на та́а де́н ина́ ут суботá, и по́ртити биле затфоре́ни, та́мо шо би́ле Учени́цити, субра́ни за́рди стра́х ут Чифу́тите* [MV(K),337]; ~ *и тугáс си р'е́ч'и Кра́л'у Ма́рку: "н'ӑ-сни в'е́јки за ж'ивот!" и па́дна сӑ уклава́ и така́ му устáнаха ко́кале́то на по́ртит'ӑ* [MS,t,39]; – во последниве контексти имаме употреба на множинска фор-

ма: **порти**, како pl.tt., бидејќи портите по правило имаат две крила; **2.** изр.: **бла́гăта ду́ма ца́ле́зни по́рти утвóруве** (= толерантниот и коректен однос можат да помогнат да се реализираат некои замисли) [ПД(137)].

портокалци m 'тој што продава портокали' ~ *така момчету, кату јунак што беши, са соблече и приближи при нивјастата да ја фати. Тогас нивјастата му вели: "бре портокалци, ошти малко не си потрапал"* [V,PM,192]; ~ *кату промина от пăнтјут, един продавал портокали. Тој портокалциа беши едно момче лично* [V,PM,190]; в. **пуртукалá**.

портокалцијче n, dem. в. **портокалци** ~ *Тој портокалциа беши едно момче лично. От млого хубавина, што имаши портокалцијчето, царската мома гу и викнала гори да купи портокали* [V,PM,190].

португер (и: **прутóгер**) m **1.** 'човек задолжен со гласно викање да им пренесува на луѓето извесни соопштенија од власта' (во минатото); кај Будишевска (од Воден): 'човек што соопштува за смртта на некој сограѓанин' [BV,135] – очигледно дека објаснувањето е премногу ограничено; **2.** fig. 'подбивно за човек што зборува многу гласно' ~ *рăзвикáл се алúс прутóгер* [ПК(Ал)].

порýка* pf 'повика' ~ *и ханжúата, му кáзал: "Ето нóзинáка ч'орбажúа, нó шта гó продадé зарáт ходаéта, óти л'у кój приспú фаф нéа, ни осăмновашја. И порýкали ч'орбажúата на хáна и гó попúтали, кóлку гу тéра, – и чорбажúата му казал: "хил'áда грóшја"* [V,PM,254-255].

пóрýнтăф* adj 'со многу влакна' ~ *им-ричéла óти нă-сúте к-им-клá-пáшки óште пóýбави ут-нúнте шоúмаа. Вăлците кăндисáли. Лисúцта зéла ăјн-кýп кăлчúшта, им дјуздисáла пу-ăднá пáшка, éм пóдлăга, éм пóрýнтăва* [ВК(Пат),-287].

пóрцие* n 'сад од кој се јаде, чинија' ~ *прăвúа ручóк, сиднáа, пуручáа, му-вúка: áj, ричé, вó пóрциито зéви-го дă-му-нóсиш нă-тó шó нáj мúj мúло, нáj мúj мúло. Гáздáта му-вúка, знáчи нă-жéнта-му дă-му-нóси* [ВЕв(Кор),304].

порăнче pf **1.**'даде порака нешто да се стори, нарача', в. **порăнчова** ~ *и му порăнче пак: "утрината да дојдиш да сфириш, да играја хоро, ча млого биендисах тојто сфирини!"* [V,PM,197]; ~ *детенто, кату чу така от ќусету, му вели на ќусету: "побратими, татко ми и порăнчел, сос ќусе човек да не куноштисам"* [V,PM,202]; ~ *пák на дрýгиј дéн порăнчеа, л'áп да мјáси, да гу пéчи, áма да é ниту печéну, ниту непечéну* [V,PM,132]; ~ *кату ја удри тричетри бозлугани, мечката фатила: "аман, брате" да вика. Тогас ја остави и тој жива мечката, та ја кладе тамо пак да чува, хем ја порăнче на неа: "е бре, мечко, кој да промине приз пăнтјут да гу не бараш и ништу да му не чиниш"* [V,PM,215] – прави впечаток редот на зборовите: како и порано што имаме нагласено, глаголот и кратката зам. форма се разделени со негацијата: **да гу не бараш и ништу да му не чиниш**; и: **пурăнч'и*** ~ *и нóс сáт' дójди икимц'úјата и пурăнч'и на измиќáрката* [MS,t,13]; ~ *пурăнчáх дạ ми кýпјạт тјýтјун* [ПсС(З),66]; ~ *ги над'ăнаха крилáта и му пурăнч'и на д'ăт'ạту "с'é напóсл'ạт м'éн'ạ да úдиш' "* [MS,t,58]; ~ *н'éса пурăнч'ах да ми*

дунисáт ýтр'ạ п'ém' хил'áда укă ви́ну [MS,t,68]; ~ *и пурăнч'и на ж'инáтаму: "ýтр'ạ сабáлин да гу разбуди́ш' з'énт'у да пój на кóзит'ạ!"* [MS,-t,17]; ~ *един ден от скол'уту как идиши, на пăнтјут беха изл'али три јуди самовили млого стари, кату ɥадјаси, да ја вел'ат: "момичка, мила хубава,... дали си казала на мајка ти вчера што ти поранчахми?"* [V,PM,218] – во контекстот имаме две граматички посебности: **а.** употреба на зам. форма за директен објект **ја**, наместо дативната 'ѝ': **три јуди самовили ... да ја вел'ат**: и **б.** употреба на номинативна форма наместо вокативна: **да ја вел'ат: "момичка, мила хубава"** (м. да ѝ вел'ат: "момичко, мила хубава") [V,PM,218]; односно без траги од назализмот: **порăча*** ~ *га ви́де мăжо и́, ча са чýди, пák га порăча: "сакăн жéну, мло́гу да са чуваш да не кáжиш на нéкој!"* [V,PM,30]; и: **порача** ~ *порача на жената му, неговата пушка да га не продаде́ на друг авџиа* [V,PM,40]; ~ *маштеа хи, като видела толко руба, каскандисала и утринта, като сја научила, у-де хи ја, пратила сојăтă си дăштерја да пасе оловето и хи порачала, да идјă на нози мјасто* [V,PM,286]; **2. – (сă)** 'се договори' ~ *сă суби́рат ш'и́ч'киту ут дванáјситу аратли́ци, сă пурăнч'аха ... да пójат за дрăвá* [MS,t,48].

порăнчова impf 'дава порака, искажува желба' ~ *и утрината стана чилиби Теодорак да ходи на цăрквата, хем порăнчова на жената му, вел'ајке: "динеска, жену, да сториш манџи харни, ч'а ки излеземи на трифирич дур на Караборун!"* [V,PM,166]; и: **поранчова** ~ *тогас тја фашта, на един сандук клава сестра и́ отдол, и отгори клава имани и алтуни, и му поранчова на арапинот: "сега как за го здигниш оттука сандукот, хич да не си починиш"* [V,PM,235]; сп. примери без назален призвук: **порăчова*** ~ *пак тојнака, што слушиши на земјата што са чини, и чул така, кога ламјата порăчоваши на неин бăрзоходец* [V,PM,45]; ~ *ох, ами кога виде така она мома, каква душа имала аџеба, да гледа сестра и́ обесена и нејн живот довршен, и оно деф да порăчова така: "мари, ету ти кажувам, ошти едноч татку нема да видиш ниту мајка!"* [V,PM,62].

порăчува* impf, в. **порăнчова** ~ *л'у сегá ти порăчувам: ету тóлку пари ти остáвам, толку стока, ниви, лозјá, бахчи, кăшти, олóви и другу, што и́мам фрéт ... да си отвóриш óчите, сос ум да си врати́ш* [V,PM,7]; ~ *боса мома река прегазила,[шо и зела ду два златни српа,[да нажније росна дитилина,[да наране јунакова којна,[ем гу ране, ем му порачуве* [ТГ,164]; и: **пурăнч'ува** ~ *на иди́ну ж'инáта-му пурăнч'ува: "да ни гл'éдаш', мăнџ'и, мло́гу скăмпа ґулн'ýк, ýтр'ạ за сă нájди пóскăмпа"* [MSt,47]; ~ *нóс д'éн' му пурăнч'ува на ч'убáниту: "ýтр'ạ сабáлин, кутрú за дój да навúка на кóзит'ạ, тут ед'éнсăнăс на кýчантáта н'éка гу изидáт!"* [MS,t,17]; ~ *хóж'да на кáфинéту ... с'éднува на карéглата и пурăнч'ува идно́ кафé* [MS,t,83]; **2. сă пурăнч'ах** 'се решив' – според Малецки [MS,s 94]; пологично: 'се препорачав'.

пос'áj pf 'фрли семе на обработено, изорано земјиште за да никне – посее' ~ *пуштúли го курúро до-дóма. Жéна-му вúка: "На-тáа нúвичка, вúка, оjдé, свари́ снóшти ченúца, па-оjдé да-га-пос'áj, вúка, да-га-зарúи".* – *"А знáм, вúка ác дéка-е нúвата"* [ЛС(К)123]; и: **пусее** ~ *"ним ми раздигај јадови,[јадови моји дертови,[чунки са малце мојте,[а што да правум и сус твоји?"* – *"Хеј, море, лудо и младо,[тури ги в десна пазуха,... изорај рамни дворове,[пусејај моји јадуви"* [ТГ-,100] – заб. треба:...*'моји јадуве'*.

посака pf **1.**'побара нешто' ~ *царjут пак посакал от катарциа да му докара педа човек, лакот брада да има. Тогас тојнака отиде на жената му, га вели: "мари жену, царjут сака да му најда педа човек, лакот брада да има". Тогас жената му му вели: "за това гајле бериш? Това е нај-колајна работа"* [V,PM,80]; ~ *еднó дéте и еднá сéстра зéли едúн вóл и отúшли на-ормáнат. Като-отúшли тáм, го-заклáле на вóлат. Дошлá мéчката и посакáла мéсо. Тúе муречéли: "Ако-ни-дáдеш еднó мéче, ќи-ти-дáдеме мéсо"* [ВС(Гр),294] – во текстот среќаваме употреба на предлогот на во служба на директниот предмет: го-заклáле навóлат (ова особеност се поврзува со аромaнско влијание); и: **пусáке** (**пусака**) ~ *они вичерале и сакат да легнат,[тоги што си веле Стујанува мајка:["Земи си, Стујане, зилен бардак вода,[да не ти пусаке младата нивеста"...[јоште глáтнувајќи и душа си даде* [ТГ,99]; ~ *му-тикнáло д-óде уплáнúната дéка тáрлата дă-пусáка уд-уфчáрите дá-му-дáдат мáлку бинúца зă-дă-сă-нăпúе* [ДК152]; ~ *му-сă-мóле: "Амáн, мúла лáмичке! Тă-мóл'ăм, уздрáви-ми-гу сúн-ми. Тáа нивéстăта вéќе шéта, шéта, нé-гу испýл'ва сúн-ми ич'".* – *"Е, сéга, зăтфójто áтăр ќи-ти-г-уздрáвăм. Ќ-ójш ќи-му кájш нă-сúн-ти тóа: Оти ми пусáка нóгу пáри, му-вéле, мăнăл'ýти"* [ДК,123]; **2.** 'побара девојка за жена' ~ *пре блазе ти, бела Јано,[пре блазе ти на тебика,[как си растиш, бела Јано,[ем сус мајка, ем сус татко,[миґу девит милни братја,[ја пусакал бела Јана,[ја пусакал – млади Стујан* [ТГ,201].

пóсáкан* adj 'се кажува за оној што ужива повеќе симпатии отколку другите' ~ *бил бóгат чов'ák. Какo го вúкаа сáмо úмито? Тóа во кнúгити го-пúши, во царкóвни кнúги. И имáл дéват сúна, а-нанájмáлкиа, сéкое нájмáло е пóсáкано, а-онóа вр'áме бúли óфчари* [ЛС(К),110].

пóсалáм adj – комп. од **салам** 'добар, убав' ~ *нúа сjáа нéjкиме дă-фáтме тук нéкаа пóсалáм кăшта, мúслиме дă-сă-вăрниме пák дóлу. Сéдме тáм нă-мирáта. Арно-ама видéме, прăвидéме сă-бутнáме уф-áдна вирáн кăшта* [ПК,2(Ним–261)].

посат* m 'оружје' ~ *на мајка му пак вели: "ами мале, ко татко ми беши авциа, дека му са пушките и другите посати?"* [V,PM,41]; ~ *влезе аф халету да си турни водата Дили-Димо, најде време, си сотвăрза рăците и, кату излезе вăнка, сос един јумрук утепа един џелатин и му зема посатите, и сос онциа посати утепа повики от хил'ада душа* [V,PM,66]; и: **пусат:** ~ *елбет су то пусат они шу гу имиа тогај: пушки криминлиј или су капцули... можиа сăл да-ј заплашат на дивите прасијна* [МЕ(Р),77]; ~ *рăбојтăте сă миниjă: му сă зе пусатут (немă*

изим дă носăт пушки и кăлăчки а ками и револйă пăк дистур) [МЕ(Р),88].

посестримка* f 'пријателка, другарка, блиска (како сестра); **посестримките помагаат на свадба**' ~ *татковото му имáни около две-три годúна гу продадé, гу изјáди сос побрáтимиту му и сос посестримкúте: тој остáна кату прóсик гол* [V,PM,7]; в. **пусестрима**.

посечи pf 1.'убие со нож' ~ *и заеднóч јуродúса на врăх т'áх и посéчи от нúх осомúна* [V,PM,21]; ~ *на брјастот имáло едно гн'аздо от тези гол'амите пилцја; змиата сакаши да ги изјади. Тој как виде, така извади неговата сабја, ја посјачи змиата, ја оклава* [V,PM,222]; ~ *хајде дошло врéмја да úдат на бáн'ата сос други мóми, и детето сос тјáх. И като застáнало нá вратата, заспáло, пáк ќосéто го пóсечи сос нóжја и са скрúи* [V,PM,258]; ~ *тогај дјадото му вели: "хајде, сину, да ја објасими нивјастата, да ја делими пу половина". Тогај фати дјадото, ја објаси за една вăрба на дол глава, та зема остра сабја, здигна рăнката да ја посечи* [V,PM,175]; ~ *малкото дете источи неговата остра сабја, да еднош јурудиса на врăх ламите, достигна само две-три посечи; другите как видоха, ча за си изгубјат животат си, фатиха да бегат* [V,PM,225]; **2.** – (са) 'почувствува голема немоќ' ~ *и заедноч фатиха двата да бăлват, и кату бăлваха, от неговата уста излеваши грах, а от царицата баклава. Тогас тојнака вика на царјут: "скору ела, царју, да видиш, кој јади баклавата!" Царицата от бăлвани млогу са посјачи и са чини кату полумăртва* [V,PM,61].

посин adj, орр. на 'мрсен' – домаќинката за празникот *Бăдни вечар* приготвува: *посна сарма* (= сарма без месо), *суке сарлија, кисела каша* (од брашно и оцет), *сусамница* (= баница со сусам), *фасул'* (сите јадења се посни) [ТГ,81].

посúнето n 'дете доведено во семејството од друго семејство, но го чуваат како да е родено тука' ~ *И-гǫ-дáли на-тúą таргóфцити. Таргóфцити нą-кój ќą-гǫ-занéсат, гǫ-занéли нą-цáрǫ, нą-фąрąóн пǫпрáǫ. Нéмал д'áца. И твá д'áти пǫрáсналǫ, áмą билó мнóгу мýдро, úтро. А пǫштó пǫсúнетǫ детéтǫ, нą-фąрąóн женáтą, сега женúти, знáчи мнóгу билó ýбąво, кąкǫ си-зал'ýбилą у-нéгǫ и-гǫ-нąпáѓą сегá* [ЛС(К),110].

пóсип m 'брашно со кое се посипуваат корите кога се сука' ~ *дă-нé сăлéпат кóрте турýв-си пóвиќе пóсип. Има бăшкá пóсип зăбаклăвá. Он éј ус-ирмúк, шикéр и урéе* [ПК,2(87)].

посипа pf 'посоли нешто ситно' (пр. брашно), в. **пусипува** ~ *по грозди време и собрала една кошничка грозди, и со една игла зарната ги дупиши и на дупките дребна отрова посипа* [V,PM 213]; ~ *лáмјата са оплáши и гу избăлва цјáл човéка, áма умрјáнт. Тој га вéли: ја го ужúвéвам, ја сéга ти закóл'увам!" Лáмјата úмаши éднó шишé жúва вóда, земá, гу посúпа мăра нá ýстáта; човéкот ужјувјá* [V,PM,145]; ~ *јазе ки ти донесам на тебика едно шише жива вода. Кога ки умра, – зашто мени ки ми закол'ат, – тогас тинака живата вода да ми посипиш: јазе ке да ужјувеам* [V,PM,98].

посирумаф* adj, opp. на 'богат' ~ *уднăтрє имája: тримój, удáj, чăрдáци, мутлáци, ќирáли, мусáндри и дулáпи. А уднáдруф: гулéми двурój, ăрój, пујáти, кучúни, плéмни и гулéми ăмбáри. Имája и пóсирумáсите, áма нé тáка* [ДК,154].

пóситн'ạ (< посетне) adv 'подоцна' ~ *пóситн'ạ пруминá идúн ч'убáнин ... и си р'éч'и: "милúч'ка сфитá Бугурдúч'ка си сл'áла и ти на зим'áта да ш'éташ'?"* [MS,t,23].

поскăпија f 'кога животните трошоци растат, скапија' ~ *имиш чино син за жинејне,[жени си го, чино, ваја јесин;[ваја јесин, чино, јефтинија,[ја ду друга, чино, поскăпија,[чиница је чино, кăкличава,[ракија је, чино, шпиртил'ава* [ТГ,370].

по-скору (и: **поскоро**) adv 1. 'побргу' ~ *ти са мол'а по-скору да ми пушташ писма, за да си научам здравјето ти* [V,PM,48]; ~ *арисах си мома, мале,[јуд сред горна мала,[баш на лева страна.[Иди ми ја сакај, мале,[дал ки ми ја дадат,[ако ми ја дадат, мале,[постој, пуглидај ја,[ако не ја дадат, мале,[поскоро да дојдиш* [ТГ,50]; ~ *глéдме кóл'те тувáрини: клăдéли пу-нéкоо врéјка брáшно уфнăтре, пу-адúн јурган, чéрги, кутéл и дă бéгат. Нáс ќи-н-устáваа. А -а, гутóви, нéма врéме дă-нă-бăркăт, дă-нă-чéкат. Вујнáта тăкá óде, гóре пóл'то... глéдме адúн бăлгăрски вујнúк пут-кáмăнто тáм, сă-тýле. Они адни тупчúнка пýкат, и ни вéле: "Бигájте пóскóро, глидájте дă-избéјќте"* [ПК,2-(Пос–290)]; ~ *тој им вели: "на царјувут син ја оставих, да ја чува. Ајди, карај поскору да појми, ча пот ругузината има една дупка; оттамо излева еден дјадо: ако излези, да знајш, ча ја зел"* [V,PM,233]; ~ *му дадé и еднó пéро и му вéли: "на ти товá пéро, да гу гóриш нá вóгино да ти дójди едúн хáрин кóн и да гу вјáхниш, да идиш поскóру нá цáрјут!"* [V,PM,143]; ~ *излизé уд-вóта, сă-истрисé и сăспугнá пу-лисúцта дă-ă-фáте и дăă-удáве, óти гу-излăжá дă-му-сăскинá пáшкăта. Лисúцта дрýм! Бéгели, бéге, вăлко пу-нé, и á дă-ă-фáте, áма óна пóскóро бéге* [ВК(Пат),286]; **2.** 'неодамна' ~ *Как ричé вúи лáфови, и пл'ујнá дóло, и правú кáл ут пл'ýнката, да му а липú кáлот уф óчите на слéп'от. Да му ричé на нéго: Оди си, мúј си. Кумшúити нéгови, и дрýзи шо гу знája пóскоро óти бéши слéп, вéлеа: Нé и вóа шо сéдиши да прóсиши?* [MV(K),258].

пóсл'ạт adv **1.**'после, потоа' ~ *"хájдибé Ќел'éш'! óш'ти тýк си?!" "é, ш'тó да прáв'ạ, такфóс халáт ми дáди цáр'у и јас за си дójда пóсл'ạт"* [MS,t,36]; ~ *царјув син отиде, га вели: "е побратими, динеска ке да са укачими на јабăлката, да јадеми јабăлки, туку тинака напрет ки си укачиш, та јазика послет"* [V,PM,71]; **2.** 'назад' ~ *за вéзма аргáтиту и стрăпувéту и паламáрка и за ж'énат; идúн за úма пóсл'ạт, шу заврăзува снóпиту* [MS,t,66]; ~ *те как видоха, ча послат идат мајка му и татко му, детенто вели на сестра му: "мила моја сестру, да кладеми тука бричот, и Бог да даде тузи место, тези камини бричови да си чинат, да не можи ни човек да промине приз тука, ни добитак"* [V,PM,240]; **3.** изр. **зема на послет** (= кога некој некого следи) ~ *и кату вечерјаха таму, царјут и лалата заспаа, и тојнака запал'ува фенерчиту му, изл'ава на лагăмот. И лалата си*

разбуди оно саат и гу зема на послет: ајде-ајде, отиде добро халваџиче на лалавата кăшта [V,PM,57]; ~ *дека са чудиха, ету најмалкото дете отстрешта. Тогас кату арслан са метна наврах змиата, та извади негова остра сабја, фати комат по комат ја стори змиата. И така гу земаха детенто послет и отидоха сички, си собраха наедно* [V,PM,231]; в. **напóсл'ạт** [MS,s,87].

пóсл'ạд praep 'по' ~ *"ш'тó да прáв'ạ!? такфóс халáт ми дáхти, тузú гу пáт'ạх и јас за си дójда на пóсл'ạд вас"* [MS,t,35]; ~ *кату отговориха така просициту, хајдутот чул сичко, сетни се послет него ходиши, го ловјаши да му везми капата на просекот* [V,PM,**188**].

после praep 'по' ~ *после ручокот тресноваши трохите от софрата на мору; да јуде си научиха три малки риби, дохождаха тамо. За ден тој кату глендаше рибите, как јадјаха трохи, сиир му са праиши* [V,PM,169]; ~ *пóсле н'áколку дéна стигнáли на едúн балкáн, нéтри на еднá гóра, штоту сал еднó нéбо са глéдаши* [V,PM,27]; ~ *га зéма рúбата, киниса да га закáра на домá му, и богáтиот пóсле нéгу отúваши* [V,PM,17]; ~ *пóсле мăра врéме богáтиот си разбол'á тéшка бóлка, гу зафтăкна гăрло* [V,PM,17]; ~ *и пóсле двé-трú саáти грăмиш са чинú на небóто, паднá тéшка мăнгла* [V,PM,24].

пóсле adv 'потоа' ~ *зăпрé вујнáта. Кăт тúă гулéмте дăржáви сéгичка шо дáват кумáнда, тăкá зăпрé вујнáта. И кажáа пóсле: "Кój сáке да-с-јóде слубóдно-ј, дă с-јóде дóма, рóднуто мéсто" И нúă стујáме петнáјс дéна, пá нă-мóж сă-рéшме с-јóдме* [ПК,2(Мор-218)] – уште еден случај на употреба на перфективен презент: **нă-мóж сă-рéшме**.

после pf (< постеле) 'стави покривка врз нешто, односно направи тоа (нешто) да биде покриено', в. **постила** ~ *сака да чини удаја и да после от фил'ут кожата* [V,PM,42]; ~ *тạкá ќи-нáпрạјми веднá сóбạ висóкọ кạт-нạ-крéвạт, и-ọзгóри ќи-пọстéлими б'ál чаршáф и-ќи-нạфарлýвạми лúстạ ọт-цăрницạ кạт-ќи-изл'áгạт цăрвитọ* [ЛС(К),136] ~ *хем пуснал еден човек от четирисете, хем му рече да му кажи на царјут, да постеле от скалата дур на филдишната одаја сé маргарит, да така да изл'ази нивјастата* [V,PM,173]; ~ *му вели на цар'ут: "харну ти докара авџиолиа таја кожа,... да направиш една удаја и да га постелиш"* [V,PM,41]; ~ *зема детенто от дјадото остра сабја, да јутиде на царскиј конак. Постела момата, ја тој ја вели: "моми, за мене друга постел'а да постелеш"* [V,PM,175]; ~ *тогас негов лала стори тертип, аскерот опрегна и кучиата сос четри кон'а бăрзи. Постелаха нетри у кучиата сè златни постел'а, фати царјут, са прости сос царицата и вјахна на кучиата* [V,PM,210].

последи pf 'тргна да оди по некого, да го следи' ~ *тогај дјадото му и рекла: "немој хождаш, јуначе, на панагирот, туку ела с мене да ти зан'а на един пазар, да добиниш харно!" И детенто послуша на стариот и го последи него. И ходејќе по тука, по тамо, јутидоха на една гора* [V,PM,174].

послинта adv 'потоа, после' [ПД(131)].

послуша pf 1. '(не) прифати нечиј совет, односно (не) се согласи' ~ *она му и рекла: "сакăн брато, да не пиеш от таја вода, ча ки си чиниш елин!" Тој на сестра му не послуша, туку и пил он тамо вода, и заеднош са чини елин сос големи рогови* [V,PM,240]; ~ *тójнака не послушá на гóлојут, што му речé, тýку еднóч стóри ниéт, киниса* [V,PM,21]; ~ *тójнака не послушá, останá тáмука; и брат му гу остави и си отúде на домá му"* [V,PM,28]; ~ *и не ми остáвиши да úдам сос óниј трагóвец, áма јáзе не послýшах на тéбика и отúдох* [V,PM,16]; ~ *му вели на нејн мăнж: "ету, глендаш тиа калугери, што шетат по тука? Наши л'уди са. Татко ми ги пусна да на терат". Сакин да не излезиш по вăнка, да тја видјат: за ти познајат, та сетни лошу за патими". Тос не и послушал* [V,PM,238]; **2.** 'слушна нешто (за кратко време)'; ~ *тугáс фáти киман'éту да гагарúса. Сă запр'á мрăва на скáлата и гу послýш'а* [MS,t,27].

послýшјова* impf, в. **пуслушува** ~ *и тогá чјол'ака зе парúте та стáна гол'ам и зингúнин на сúчките. Штотó бе тóлко испáднал, тóлко млóго стáна зингúнин и пăрф, сúчки на нéк да са пúтат и да гу послýшјоват лакáрдиетá му* [V,PM,263].

пóслăбóдно adv 'кога нешто се врши без притисок' ~ *тувáрна, азăр, кóлта с-јаа-устăвúме, тăкá избигáме ус аднá дýша. Ус-житвáрски рýби, кăквú бúли, ус-тăквú с-јóдаа чувéцто, ус-дрúпуви рýби. А дрýзи сéтне нă гóре, шо бигáа, ká-с-утвурú бојо, пó сă-нăбăвúа, пóслăбóдно си-зимáа шéј* [ПК,2(Ид–282)].

поспúе pf 'спие малку' ~ *и тójнака, кату ориши млогу саат, са умурú и отúде, легна пот крушата мăра да поспúе* [V,PM,30]; ~ *и как кинисаха, хождаха на пăнтјут. На едно место беха седнали да починат. Момата полегна на неговото колено, да поспие* [V,PM,192]; ~ *дојдоха на самовилцката река. Тамо имало млого хубаво место зелено, и легнал попот малко да поспии; пападјата седјаши тамо. Дека седјаши, дојдоха две змии, да фатиха тамо да са борјат* [V,PM,216]; ~ *мајка му му рече: "Ил'у сину, тој занаат останалу от башта ти, ти да го не зафатиш!" Он мајка не послуша; стана другио ден па отишел на полету да лови. Пак лов не добил и седнал одол една вăрба под сенката; полегнал да поспие* [V,PM,170].

посрамин* adj 'кога некој чувствува срам, засрамен' ~ *царјут поверува харну, ча тој е негоф син, гу зема заедноч, гу облечи сос царски дрехи и му вели на лалата му: "ej лала, ej лала, иди на дома ти да чиниш зап твојта кубила, да си чинам зап мојто жрјапче!" И така лалавата мома остана посрамна, пак младоту халваџиче царјуво дете са познало* [V,PM,58]; и: **пострамин*** ~ *му вели на татко му: "и јазе да пода, тате, та да видими, как за стани таја работа!" И татко му му даде изин. Отиде и стредноју син, и на него така му стори водинчарот. И тој са вăрна млого пострамин на татко му* [V,PM,201]; ~ *тогас нај-малкоју и рекла на татко му: "е тати, двата ми братќа отидоха на водиницата, пострамни са вăрнаха. Сега рендот дојде на мене, и јазе да пода, от рент да изл'а". Фати*

нај-малкојут син, стори сам един товар мливу, товари на кон'а, отиде на водиницата [V,PM,202] – во контекстот го имаме примерот, што ги довел во заблуда поранешните истражувачи на долновардарските говори, во врска со нарушената конгруенција во случајот: **нај-малкојут и рекла на татко му,** што ја третираат како резултат на развој (вокализација) на крајниот **ѣр** во **рекълъ**. Ние веќе укажавме дека се работи за нефункционирање на категоријата род; поопширно в. во граматичкиот дел.

посрáшно adv 'кога се случи нешто од кое човек може да се исплаши' ~ *и са небјéто заóблачи за да фáти дăш, и са залăска там на еднá бáрчúна, и са евúха два оганjé и ... погăрмја оште аднăч по-срáшно, и вúде, чи адúна óган дúгна са, та пáдна фаф полéто, фаф адúн сáс* [V,PM,261].

посрештне* pf **'пречека, сретне'** ~ *На врăштането тој нихтјал да ја прибăрка, ами терал мјасто тјасно да најде, за да можjă да ја прихрипне... и си останал ч'ул'ак. Тога утишал дома си, жената му го убаво посрештала* [V,PM,286]; ~ *та зел ќосéто на дéтето дрéхите и кóн'а и, кató стигнáли блúзо прú касабáта и фл'áли да посрéшнат на визúрја дéтето, покáзал са ќосéто чи тój му е сúн* [V,PM,257]; ~ *като стигнал дома си, тја като как напреш изл'ала да го посрештне и да му фати коно. Пак тој, нал'утен, искарал сăбjăтă си и сă мăчил да jă убијă* [V,PM,281]; ~ *Граждането сă ч'удили, как таков царски ч'ул'ак шта кондиса в такавă кăштă, в котрă саде мăжо си-бил и затова на другă кăштă натакмили хи кунак и изл'азли да jă посрештнат* [V,PM-,282]; и: **посретне:** ~ *сегá ги-нóсат итúја парú шо-ни-бáја варнáти инóсат и-дрýги парú пá да твáрат да-зéмат. Истo прáj óн-па... Ги посрéтал фúно, твá, онóва, и-тúја парú ги-врáт'а* [ЛС(К),113].

пост m 'чин поврзан со религијата кога верниците, во одредени денови, поврзани со некој празник не јадат мрсни работи, а во одредени денови пак воопшто не јадат' [MS,s,86]; ~ *Кóлко врéме? Ими já лáги. Ут кá бигáме, рéчи тó пóстот уjзвăрвéме, бугурójчќо пóс. Бугурójчќо пóс гу-jзвăрвéме и си дуjдéме на-вáки, спурти Бугрójца. Бугрójца лижáме уф-Крéсна, кá úдеме тýка* [ПК,2(252)]; ~ *пáлај на стрéдно пóст при Вилúгден, на трúти нидéли ут стрéдно пóст* [MV(K)294]; ~ *илим Исус гу фатú ут рăката, гу кринá, и он станá. И ка флизé уф кýка, Ученúцити му пúтаа на нéгу: Оти нúа не можáми да гу извáдими? И му ричé на нúх: Вá рăґа су другó нúшто нé и чирé да испáдни, тукý су мóлба и су пóст* [MV(K),285] – во текстот имаме проширена употреба на предлогот **ут** наместо 'за': **гу фатú ут рăката**; втората дијалектна посебност е во употребата на кратката зам. форма за датив **му,** наместо формата за прав предмет 'го': **Ученúцити му пúтаа на нéгу**. Сп. уште: **Велики пос,** или **Виликденски пос,** односно **Вилидинскăjу пост** [ПсС(З),64]. Верување: **Вилики пост** трае точно седум недели. **Вилики пости се** строги пости. Нема да се омрсат дури и болни луѓе. Мнозина првиот ден од Вилики пости ништо не јадат и не пијат – за да им се испостат цревата, а децата и бабите **тримират**, т.е. ништо не јадат до среда наутро [ТГ,13].

пóста f 'дел од нивата што го зафаќа група жетвари кога жнеат' [ТГ,-336]; ~ *кóлко шо ки зăфáтăт нă едúн пăт* [ПК(Мор)]; в. **постáција**.

пòстáна pf 'бидна' ~ *ас не зéвам нúшто, já-гò тестáмéнто, пá-тук-е, já ќи-гò-дàдéме уф-бáбàта. Имà и-тú да јàдéш, и-ás, и-кéркàта. Ас сăм зéт, гòтóвò, тú м-испрáти, вúкà, и-зéт пòстáна, шó-ти-и мăкà сéгà* [ЛС(К),126].

постане* pf 'се измори' ~ *и карталите заеднош гу земаха наврăх крилата им и фатиха да л'атат с него тăкмо три дена и три ноќа, до там постанаха* [V,PM-222]; ~ *тогас царјут му вели: "побратими, сега и двата да ходими, ке да постаними, но нади јаика да ти вјахна мăра, и сетни тинака пак ми вјахнуваш мăра – така да гу извадими* (пишува: 'гузизвадими' – печатна грешка?) *то јукуш!"* [V,PM,54]; ~ *óнúа хизмиќáри, сóс десетјá магáрита товáрени,* (пишува: 'говарени' – печатна грешка), *прáв пăт кату úдиха, тиúса едúн азмăк нá пăтју, от тăм удрúха магáритата да проминăт. Кату гу удрúха аф áзмăку, четритјá магáрита, кату бéха слáби, постáнаха* [V,PM,114] – присуство на архаичната наставка за множина кај именките од ср. род **-ета**: **магáрита** (< 'магарета' – со редукција на неакцентираното **е** во **и**); и: **пустани** ~ *и сéднăл тáму нăтá дă-почúне стáрјут. "Сéдни дéте, му-рéкăл, дă-пучúниме". Стáр чóек. – "Оф!", стóри кóга сéдна. Оп, уд-дýпкăта излéга иднó. – "Шó мă-вúкăш!", вéле. – "А бе, кáко тă-вúкăм, вéле. Јáска пустáна и "óф" стóру"* [ДК,140]; ~ *Уфчáрте гу-причикáле, му-дáшле кóлку сáка дă-сă-нăпúе бинúца и идну-гулéмо гăрне зă-дóма. Ама пăту бúл плăнúнцки и дилéку и пу- стáнăл. Нóси-гу суидná рăка – пустăнáла, нóси-гу судрýга рăка и дрýгăта пустăнáла* [ДК,152]; ~ *му вилú: "пýстај, пóпи, ут млóгу пијéни пáдна"* [MS,t,69].

пóстаџ'úја m 'тој што носи писма, поштар' [MS,s,87]; сп. **тахидрóмус**.

постáција m – кога се жние нивата се изделува на делови како ленти и секој дел што се жние одделно се вика **поста**, тој што почнува прв да жние, ја определува постата и го држи правецот, за да не стане постата некаде поширока, некаде потесна, тој се вика **постáција** (*кóји сече поста)* [ТГ,336].

постелан* adj 'кога нешто во тенок слој е распослано врз некоја површина (рамна)' ~ *на скалата го беха ч'акали до хил'аде душа, хем от скалата до неин конак беши постелана сè многоцен камин и маргарит на земјата* [V,PM,172]; ~ *кáк вúде цáрјут Кира Мáргини конáки, чýдум са почýди, и, гá излезé Кирá Мáргу, ги досрјáти сос млóгу ихтибáр нивјáстата и зéтјут, га кладé нá еднá удајá, постéлана садé у злáту* [V,PM,-140]; со редукција: **пустилáн** ~ *утúди гóр'ą ж'инáта, му пустилá идúн јатăк за да си л'éгни. Исл'ázи дóл: "áку ви сă спú гóтуву ји гóр'ą пустилáну!"* [MS,t,37]; и: **пуслан** – кога се спремаат за спиење, долу на земјата има *пуслано ругузина*, а врз *ругузинта* некои ќе постелат душек полн со стари крпи и памук [ТГ,22]– материјалот е регистриран во селата во Гевгелиско, но поодамна.

постéлка* f, в. **пустел'а** ~ *сиромáхот отúде нá домá му, вéли нá женáта му: "áди жéну, сегá нúа кé да сéдними нá брáтовата ми кăшта: сóс кутúјката трáмпа чинáхми". Женáта му му вéли: "áми тúа*

постéлки дéка ки ги остáвими?" [V,PM,149]; ~ *тогас вели Половингăзју: "така не е научен тојнака да спие, ами сака постелка пăлна сос алтăни, перница сос злату, та така да спие"* [V,PM,103]; ~ *и л'у отидоха аф царските конаки, царјут и викнал двамина л'уди и им рече да испастрјат при неговата удаја една удаја, и они заедноч земаха метли, изметуха удајата, га послаха харно сос постелки царски* [V,PM,64].

пости impf 'кога верникот не јаде мрсни работи (во одредени денови пред големи празници)' ~ *вúа си мóлиши: Гóспот, исполáјти, шо нé сам катý друзити л'уди, лóши, крúви, пýшти, já кату вá јумбрукчúата. Пóстам двáш на нидéл'ата, сáто стóка шо úмам дáвам на дéсет иднó* [MV(K),280] – во случајот вокативот се изразува со номинатив – **си мóлиши: Гóспот, исполáјти** (м. 'Господи') ; ~ *и аку не пруштáвати на л'удито кабаáтити на нúх, нúто Тáтко вáш ки ви прóсти вáши грéхови. И кóга пóстити, нúм да си чúнити катý ópаки жáлови, шо си расипýат лúцито нúхно, да си пýл'ат на сфéтут шо пóстат* [MV(K),282] – во текстот посвојноста се изразува описно: **на них (кабаáтити на нúх)** м. 'нивни'; сп. обичај – за празникот *Крстовдин* се пости строго, не е дозволено да се јаде ниту зејтин ниту *шарлаган*, бидејќи *са посте за крс.* Попот оди по куќите да *свети вода.* Жените земаат вода од котлето на попот, од *светата вода* за *нов квасец фашќајне* [ТГ,24].

постила* impf 1. 'мести постилка' ~ *по вечерја зема она дјатенто нејно, отиде нетре да спии, па него му постила вунка, зашто беши лето* [V,PM,163]; ~ *си собраха на трапезата, јадоха, пиха; стана ламјата постилала дјушега, перници, за да легнат да спат, та тогас чинии хесап да ги изјади* [V,PM,103]; ~ *пустúлам килúм'у, кривáт'у; ја пустúлам трáпизáта* [MS,s,94]; ~ *з'éва ч'ýлуви и сиџ'úм'ạ и синдýку ут динќáсувáниту ... и пустúла ч'ýлу на синдýку* [MS,t,5]; **2.** 'става нешто (во случајот послужавник, табла)' ~ *тогај за седнат сички, му вел'ат говорјат: "чистита ви сватови" и од двата страна. Тогас за постилат тавла отпрет них от дивојкините страни, и бл'уда с ririф, за фатат да пиат ракиа...,* (в. **после, пустеле**).

постил'ак m 'она врз што се спие', в. **пустел'а** ~ *от ка префăрлил вагичката, на мужел вике да оде пу него. Други пăт си пофалил царут душегут (постил'ак). Братјата пофалиле Алатувут инди, бил поарин* [V,PM,272]; и: **пустил'ач** ~ *појде лудо с-една риза грозде,[појде младо с-една риза грозде,[да излăже мома црнајока,] да ја носе јуф гора зилена,[тамо они век да си векуват,[пустил'ачут – кујун детелина* [ТГ,51].

постилане n, в. **постил'ак** ~ *и фáф сарáе фнéтре така сú свáтешја и данјá и нашјá, и нúшто ни липсовáшја фáф сарáе нúто óт едéне, нúту от пúане, нúту о(т) дрéхи за нóсене, нúту дрéхи за постúлане* [V,PM,259].

постои* pf **1.'причека'** ~ *тој му и рекла на хизмиќарот: "постој, почекај ошти малко да са шетам". Как отиде приз една чаршиа да са шета, промина приз царскиј конак* [V,PM,238]; ~ *му вéли бáбата на нéгу; "пóстој тýка тúнака! Јазе ки*

извáдам жéнски дрéхи да си приméниш и такá да ти зéмам нéтрика!" [V,PM,9];~ *арисах си мома, мале,[јуд сред горна мала,[баш на лева страна.[Иди ми ја сакај, мале,[дал ки ми ја дадат,[ако ми ја дадат, мале,[постој, пуглидај ја* [ТГ,50]; ~ *и му дават алтунот, и тој го и видел и му вели на човека: "постој тука, јазе да пода дур на дома ми, да зема пари, да ти расипа алтуно!"* [V,PM,188]; ~ *момá му вéли-гоóри: кó си ергéн, пострój, чáкај,[дa ти дáм кáтка мáшана; [кó си жéнен, глéндај си пáнтју,[глéндај си пáнтјо, скрáши си врáто!"* [ПсС(З),74]; **2.** 'остане нешто некаде за кратко време' ~ *и рекла на жената му: "Мол'й ти сй, дáштерју, нека постои това сáндък дома ти ду утре, чи шта ида на једно мјасто, та ма је страх"* [V,PM,280]; ~ *ја нусиле јуф кулиби,[јуф кулиби пра трлото,[малце време пустујало,[малце време пред вичери,[си пувиде млади Стујан,[си пувиде дробно стадо* [ТГ,103]; **3.** 'егзистира, го има' ~ *и ќи-кáжум, óти чипúристóтини гудúни пустóт русáлúјте. Дýри пéјсе и пáрва гудúна тúа óра, пéсни, русáлúјцки, ги-јскáраме уф нóти. Сáдумдéсет и пáрва гудúна гинусúме уф-Зáгреп, сй прáсликáа и русалúцките, мáкидóнцки óра сáчинúа уф-дукумéнт, уф-нóти* [ПК,2(Кред–305)].

Постол top. 'име на населено место во Еничевардарско' ~ *и него ки гу зем или ќи гу пуштам (демек ќи му платам пáтните арцови) на Постол за јдно видувајне... ~ Постол се наогја на иден рид шо јаваш-јаваш се чина по нисук ут кáда-ј селто* **[МЕ(Р),70]**.

постолцки* adj 'нешто што се однесува на името Постол' ~ *он ут селто не, ама ут постолцкјут синур можа да са вида* **[МЕ(Р),71]**.

пóсустрáше* pf 'многу се исплаши' ~ *ká ọ-зáпáлúа Кáлúнуво, ác тáм бúх. Уддéх Кáлúнуво нá-гóсте дáпусédум. Тугáј стáнá тáа чýдба. И нáште тéпáт и Тýрцте тéпáт. Адно-врéме Тýрцте пóсустрáшúа* [ВК(Мал),289].

посáрнен adj 'несреќен, поцрнет (во случајот кога некој е во лоша брачна врска)' ~ *момá му вéли-гоóри: кó си ергéн, пострój, чáкај,[дa ти дáм кáтка мáшана; [кó си жéнен, глéндај си пáнтју,[глéндај си пáнтјо, скрáши си врáто!" – "Не сáм ергéн, нó посáрнен,[мáјка ми зелá невјáста,[хáро дрáмливо, мóшне спáнливо"* [ПсС(З),74].

пот f 'течност што ја излачува човек (или животно) од потните жлезди, има солен вкус'...

пóт' pf 'појди' (заповеден начин – 2. л. едн.) ~ *и д'áт'атój бúш'и разбуд'éну, му вилú на н'éгу: "пóт' мáјч'ин-ти!"* [MS,t,17]; и: **пóц (си)** ~ *ти ги з'éвам кóн'у и рýбит'а и т'а пý̀ш'там гóл, да си пóш'; пóцси сй здрáви!"* [MS,t,41].

потамо adv 'надалеку, натаму' ~ *фати царјут, кладе на едно далечно место една остра сабја и една тешка бозлугана, ги пусна и децата потамо, да ловјат* [V,PM,232].

пóте n 'сад од глина' ~ *стáрска дýма, мáлéчко бáрдáче* [ПД(120)]; од Солунско (кај Малецки): **пóт'а** 'сад од глина со рачка во кој селаните си носат јадење кога се отидени во нивјето по полски работи' [MS,s,17]; во Кукушко запишавме: **поте** 'чаша од чинго или глина, собира околу

250 грама' ~ *дóниј-о тó пóтто, нă-пиниéрката-j, дă-с-нăпúм вóда* [ПК,2(87)].

потéче pf 'се појави течност' ~ *змéо кажáл: "Чúм си-тú пóсúлен, зéми едúн кáман, стúсни-го и уд-нéго нéка потéче вóда"* [ВГ(М),272].

потискă (или **баскија**) f 'вид мрежа, предмет за ловење риби' – *баскијата е* вистинско мрежасто sвоно. Ќе се земат два *пăрта* во вид на полукруг, па најпрво ќе ги укрстат и ќе ги зацврстат еден за друг, а потоа ќе прицврстат околу нив мрежа и ќе се добие вистинско sвоно, кое од сите страни е затворено, освен одоздола, како sвоно – со него се *потиска* рибата' [ТГ,396]; ~ *тијă шо сакăт дă ловăт су потискă или су мрежи му плајкăт нă мајстурут нă кулибăтă кесим* [МЕ(Р),89].

пóтúх* adj 'помирен' ~ *Пá-с збрáме дистúна кăшти уд-Мурáрци, тăргнáме. Мóстут рăсúпин, тáм ájн мóс пăднáл, ɟилézăн бúше, пăднáл, с-убисúл тăкá. Ejн друк úмше, óн нă-цéло дúдгнин. Едúн пóп уд-Владá·та* (село на брегот на Дојранското Езеро, сега за жал во Грција), *тáм купúл нéка· кóличка, уд-Бугáрја, áма вó·та гă-смутáла кóличката, гă-уткăрáла нă-ќóше, тáм пóтúха вó·та* [ПК,2(220)].

пóткоф m 'ставање метални плочи на копитата од домашните животни' ~ *Глигóре, дубúцте ми-сă зăпóткоф, дă-j дóницум?* [ПК,2(87)].

потколʼани (са) pf 'клекна', в. **путкулʼава** ~ *тогас царскиј човек, кату ја зема нас мома, ... та трагнали за да идат. И тихиса приз мајчиниј гроб да проминат. Таму изл'ази царјувата мома на врăх мајчин гроб, са потколʼани и фатила да плачи: "Ах мале, мила мале! Стани да видиш, на што кучка маштеа западнах"* [V,PM,275].

пóткфас m 'тесто со квасни габи што се користи за заквасување на лебот (пред да се пече)' [MS,s,87]; в. **кфáс**.

потмести (са) pf 'се тргна, се измести' ~ *му дашла един кат такăм руба, штото царјут не имал таквас руба, да така изл'ази пред царјут. И царјут, кату гу виде, стана прав со сичкиот аскер. Но арапинот ниту стана, ниту са потмести, зашто уклава ламјата* [V,PM,222].

пóтне impf 'се припотува' ~ *фăтúла дă кáжва. Му-вéле: "Јáс бé мăлéчка. Мájкă-ми ќ-ýмре, мăштéăта вó и вó ми-прáj". А мăштéăта фăтúла дă пóтне* [ДК,145].

потон m 'покриен, но отворен дел на предната страна од куќата, голем ходник' ~ *царо нова сахат сă лăхало та излăзăл на потоно да сă расходи и, като видăл чл'ака, рукал го при нăг* [V,PM,289]; ~ *и рекла на жената му: "Мол'ă ти сă, дăштерју, нека постои това сăндăк дома ти ду утре, чи шта ида на једно мјасто, та ма је страх". Тја хи рекла: "Макар, бабо, остави го тук на потоно!"* [V,PM,280]; ~ *зела му дрехите, надјанала ги, и тивдил утишла ду едно равно поле, там наградила едни сарајă, на котри доваретo били от голо злато, потонето от сăрче, и на сјакă камаркă светил златен свештник* [V,PM,285]; и: **пăтóн** ~ *кă-дујдé Пúо, ăднó Пúо, ăjдýт е тó, чýкăт нăпóртăта, нé-утвáра... Кó и-глéда чéтникут зăстăнáт су-пýшката тăкá зăтскриéно и утвáра ут-гóре супýшкăта. Гóре пăтóн úмăше. Утпăтóно фăтú дă-пýка...утвурúја óгин* [ВЕв,299].

потора f 'вооружена група што има цел да врши одредени задачи – потера' ~ *как зе хабер аскерот, отиде голема потора на Гумен-ца, ама Шабан-Гега избегна* [МС-(В),72]; в. **путера**.

по́тǫче* n 'мала рекичка' ~ *и сегá óдат, óдат. Сл'áгали от-плани́-ната и минáват кáо, тáа рéкичка гóри, чúста, пóтǫчéто тáму, нáли, тéчи вóда, се-напúли вóда, л'áтно вр'áми и пóнатáм мáлку, сéднали пот-еднá гóрница (гóрница вúкати дúви крýши нáли, ... малéчкити)* [ЛС(К),114].

потпира impf **1.** 'прави нешто да стои стабилно' ~ *сă-путпúрат адúн на дрýк* [ПК(Ним)]; **2** – **(сă)** ~ *Кáк стáнум сáкум сă-пóтпрум. Тá-j знáчи укăпáла снáга, крăфта слáба, jáдинто слáбо и се нăмá-л'уве чувéк уф-тéлто, кувéт нéма, тóо е. Зăшó ста:рте ус-стáпче сă-путпúре* [ПК(Грам–241)]; ~ *дéвит си гудúни кáк лéжиш,[мájкини клéтви да-стúгниш,[óште дéвит да лéжиш,[нис пăрстин дă-сă-пумí-ниш,[нă úгла дă сă-путпúриш* [ПК,-2(Крец-316)]; **3.** изр.: **путпúре súдуфто** (= безделничи) ~ *кá нé тé-j стрáм уд нарóдо, кá тă глéдат цéл дéн путпúриш súдуфто, áска зă-тéп сă-стрăмýвум* [ПК,2(190)]; ~ *óната му-вúка: "От-бе Пéтре тáка напрáви ти? Нáли ќи-зéмиши, вúка, лáжити, ќи-дójдиши. Да-се-насмéеме, вúка, мáлку, да-се-надлăжими". "Еми, пóгол'áма лажá от-тáа милýваш! Кóлку вр'áми потпúраши тáм зúдовéто?" Пóвечку от-трú сăта, вúка Óната. "Еми тáа е-лажá", вúка Пéјко* [ЛС(К),130].

по́тпис m **1.**'лично испишано име и презиме (обично скратено)' ~ *ричé, já жéнта ќи-ти-а дóнсăм, áма сáмо иднó ќи-сáкăм ут-тéп. Шó? А ку ми-путпúсăш, ричé, хóтел Măкидóнjă (мóжи дă бúди) и фил'áн дуќáн, тó и тó.... – Ама ќи-ми-дáш и дузвóл'а, пóтпис, шó ќи-прáм, ќи-прáм jáс уф-грáдут, дă-нé-ми фáќăт жăндáри* [ВЕв-(Кор),305]; ~ *ги-дăдéл парúти нă-едúн гол'áм кóмарџúа дă-го-нăýчи кóмар дă-играе. "Е, тăкá ќи-фăрлиш зáровето, тăкá" Нăучúл-го. Трéттă годúна ги-дăдéл парú-ти нă-едúн ăдвокáт дă-имитúра пó-тписи. И-твá го-нăучúл* [ЛС(К),124]; **2.** изр. **направи потпис** (= остави тестамент за наследство) ~ *трýјца сúна úмахме. И, дујдé рéт, áјде стáрјо, свéкуро ги-рăздилú, убувúна кăквó. Му-купú нúви уд-Рáдуво, нúви му купú и ут-тýка, му-рăздилú. Пу-двájсе дéкара нúви му ддé. Нă-нáс супрé, е-пă úма и măсráф, ósум дéкара супréме на ста:рте. Ама тираа гробнина, árно áма тáткумо си-нăпрăвú пóтпис, си-чинú, óти врăс-тóо дéте сă-пúшини нú:вте. Já кóлко умрăзúј, сјáа нéјќат дă-сă-вúит* [ПК,2(Иц-286)].

потпúшува impf 'става потпис, гарантира', в. **путпúса** ~ *му-испăлнили желáниетǫ. И-тój потпúшува. Е, го-ослобóдуват, си-дóвă дóмă. Незнáј óти детéто зéт му-стáна* **[ЛС(К),126].**

потпраг m 'лента исткаена од козји влакна која што се протнува под стомакот на коњот и се притегнува самарот'; **потпрагот** го викаат и **кулан [ТГ,...].**

по́тпре* pf 1.'стави потпора на нешто, за да се држи'; **2.** – **(сă)** 'се наслони' ~ *Кáк стáнум сáкум сă-пóтпрум. Тá-j знáчи укăпáла снáга, крăфта слáба, jáдинто слáбо и се нăмál'уве чувéк уф-тéлто, кувéт нéма, тóо е* [ПК(Грам–241)]; ~ *Стáпчто нóго пумáге. Стáпче ác кóга úмум уф-рăкта нóго ме:-árно,*

сă-пóтпрум, ќи-стáнум, ќ-óдум [ПК-(Грам–241)] – случај на перфективен презент: **сă-пóтпрум, ќи-стáнум**.

потпрен adj 1. 'кога на нешто има ставено потпора за да се држи (пр. исправено)'; 2. 'затворен' (пр. врата) *~ и она го питала: "От кăде замина?" – Отговорил: "Низ вратта" – Стануве. Коа да виде вратта затворена (потпрена)* [V-РМ,295].

потпришне pf 'се кажува ако при печењето на лебот остане празнина меѓу кората и средината'; таквото лепче *– потпришнана литургија* не смее да се носи в црква [ТГ,30].

потпришнан adj 'неубаво испечен леб, со празнина среде лебот' [ТГ,30].

пóтпăл m 'суви ситни деланки со кои се потпалува огин' *~ сúтни сăчкички ќи-нăрéјш уф-ѫáко или пă уф-ќурсúита и ќи-ј путпáлиш; збéри-ј тúа дăлáнкички árни сă зă-пóтпăл* [ПК,2(87)].

потрапи (си)* pf 'се воздржа, притрпи' *~ така момчету, кату јунак што беши, са соблече и приближи при нивјастата да ја фати. Тогас нивјастата му вели: "бре портокалџи, ошти малко не си потрапал"* [V,РМ,192].

потребин adj 'нешто за кое се чувствува потреба' *~ му плати и за да му пиши и друга книга, втора, што му беши потребна за детету* [V,РМ,38].

пóтрис m 'кога се потресува околината' *~ éту си чинú уф мóриту нóгу пóтрис, дýри кáикут ки сă удáвиши ут далгáтити, па óн спúиши. И утúдуа Ученúцити ... ем му вéлеа: Афéндо, да ни чýиш, éту ки си загúними. И вéли на нúх: А мáловéрни, óти таквúи плашлúви сти?* [MV(K)297]; *~ уф сýбута пу вéчара кăд зóра на идéн дéн пу сýбута, дуjдé Марúа Маг... и другата Марúа, а глéдаа грóбут. Ету и пóтрис сă чинú голéм, óти Ангел Господúноф ислéгал ут нéбито, ка си наближúй а трăкал'á плóчата ут врáта* [MV(K),289]; во контекстот среќаваме 2 посебности, едната морфолошка: нерегуларност во категоријата род – кратката зам. форма во женски, а именката на која се однесува во машки род: **а глéдаа грóбут**, втората посебност е од фонетска природа – големата носовка е заменета со **у: идéн дéн пу сýбута** (во прашање е црквенословенизам, односно лабијализација од соседното 'б').

Потрошако top. 'ниви на кои се сади пченка и мак', запишано во *Карамово*, Серско; "од дијалектното *потрошак* – нешто раздробено, образувано од стсл. **трохъ**, во врска со гл. **трошити**" [ЛИ,Ми...,174].

пóтрупа pf 'покрие, потисне нешто со повеќе материјал' *~ заѧпáли-си, заѧпáли-си Шáр-Плáнинѧ, ájди,[заѧпáли-си, заѧпáли-си Шáр-Плáнинѧ,[апóтрупа, а-пóтрупа три-jýнаќа, ájди,[три-jýнаќа, три-jýнаќа, триóфчарѧ* [ЛС(К),132].

потрăби pl 'работи што се потребни, во случајот за куќата' *~ тато хми умрjал, а тиjă останали сироти. Дăштарчинката, като погол'ама, скрила паритjа, што хми оставил тато хми, и тă такмила сичкитjа потрăби на кăштăтă* [V,РМ,291].

потсечи pf 'со остар предмет, пр. со нож, нешто што било цело го раздели' *~ тогас детенто малко са оплаши, ама пак јуначко сарце му и заврjало, та извади остра сабjа, на змиата заеднош трите глави ја потсечи, та кату ја остави сос четри глави* [V,РМ,215].

пóтугá adv 'степенување на прилогот **тугá**' ~ *уд-никóлку дéна сă-искрúвăл, сă-зăпýстăл, слáп, су-тúа рáни – гупуштúле нă-ăвлúјте тáму. Крúф кójн кój ти сáка! Уд-никóлку дéна тó крéни-си-а пáшкăта óди-си! – Ајт, áјде, áјде, áјде – дójди Тýрците кóга имáле Бájрăм. Кój ут-кój дă зéва кóч пóáрен, пóтугá, Тýрците пáлăт* [ДК,141].

потýми* pf 'отстрани' ~ *пák лéлите и отúдоха, га вéл'ат: "éј гиди дивójку, сáма дилибéја да ти га докáра, тогáс да вúдиш!" Тéнака сáкаха вéки да ги потумјáт и двáта от тáму, да нé ги познáи мájка им* [V,PM,142;556]; ~ *сáкаа лéлите и да гу потумјáт дјáтето* [V,PM,556].

потури pl. tt. 'широки панталони' ~ *скокна право на Сраула, му сиче учкурите от потурите* [МС(В)97]; и: **путýре** ~ *шúроки панталóне úмише еднó врéме – кут Тýрците шó нóсăт* [ПД(118)]; ~ *и на чеса дојде мечката и е фати да е дере сас нехтете, пак бабата е баращја мечката и хи са мислеше, чи е јонак, и така хи вревеше, като е баращја: "Милие јунак, сас ќурк и сас путуре!"* [V,PM,264].

пóтфат m 'маја за кисело млеко' ~ *зéх пóтфат, ќи-прáвум кúсло млéко* [ПК,2(87)].

пóтăкá adv 'потаму' ~ *на-пăзáр óдăхме ф-Штéмница пó-вќе. Тáм бúше пăзáро, тáм бúа Тýрците. Бéзи бúа, тáм бéзи живéа. Цéлта укóл'а бéсте сè тáм живéја:... акóртно мéсто, пóтăкá, пó-уфплáнинта, вóда пó-вќе, лáдно* [ПК,2-(216)].

потăни* pf 'пропадне, се изгуби во течна маса' ~ *му вéли: "éј мăжу, што тóлку са чýдиш? Далú ти потăнаа курáбите или пари нéмаш?"* [V,PM,30]; ~ *пák вечерóт му вéли на брáта и: "ти са мóл'а, брáте, да úдиш да ми докáраш сáма Чингúдилибéја да га вúда!" Пák тójнака утринтá стáна, отúде нá Чингúдилибéини конáќа. Кóн'у потăна, батúса до корéмо, не мóжи да излéзи* [V,PM,143].

пóтăнце n, dem. од **поте** 'сад од глина' ~ *стáрска дýма, мăлéчко бăрдáче* [ПД(120)].

пóýбав'ą adv 'подобро' ~ *си р'éч'и: "óшти прăвна в'éч'ер, гл'éдај ш'то ми вилú! фандáсу, ш'ту úмам да трăгна ут н'éја; пóýбав'ą – си вилú – да си пóја!"* [MS,t,29]; ~ *тój му вилú: "хúч' парú да ми ни дáваш'и, тузú, ш'ту гу наýм'ăх, пóýбав'ą да м'ą уклавéш'!"* [MS,t,19].

пóудник m 'јаже со кој се води добиток' [MS,t,87]; сп. **вудúло**.

пóутатák adv 'потаму' ~ *м'áска пу хóртумата, прáви ч'изúја ... ја удм'áстува хóртумáта иќý мéтру пóутáтак* [MS,t,3].

пóýтр'ą adv 'денот што доаѓа по утрешниот' [MS,s,87].

пóýчин adj 'тој што има повисоко образование' ~ *úде сúлин, сúлин тóо англúјскоо тăргóвиц: "Шó-ј тáа рăбóта, кăквá-ј тáа рăбóта?" Устáтку-му сă-пăзáрăт: кóлко сáкиш, тóлко. "Нá-т тóлко". Гу-зúме дéтто óн, дéтто му-вéле: "Еј, уттéп пóýчин нúм зúми"* [ПК,2(Ним–271)]; ~ *óн прáво нăжéн-мо: "Шо бă, жéно тáа рăбóта?" "А, бе мăжо, áс ăднó пúсмо дубúх: ет-тăкá и тăкá пúше". "Ах, рéкал, дă-мă-а ébум, сăј бúло шó ми кăжа: ут-тéп пóýчин ним зúми"* [ПК,2(Ним–271)].

пофали pf 1.'кога се зборува пофално (за некого)' ~ *зафатил да испитува*

сјако дјаволча, што је усторил на л'удето нози ден. Едно рекло: "Јаз тăј и тăј усторих на нашатă тук чорбаџијкă, и сега је мăжо хи тера да јă убијă". Другите фрет за това го пофалили [V,PM,281]; ~ *друго рекло: "Јаз днеска, двамина брăта на едно лозе дел'аха еднă лозă, седнах вăрх нејă и шта сă истрепат от карание". И него пофалили* [V,PM,-281]; **2.** – **(са)** 'кога некој за себе, или за нешто свое, зборува многу позитивно' ~ *Предлозан му гу отнесуве паунут на царут. Напкум царут си пофалил којнут. Братјата рекле: "Алатувут којн е поарин ут твојут"* [V,PM,272]; ~ *тáа лисúцта ги-набисúла сúте нă-тăвáно, а пă куму вăлче, вăлко утúвал нă-гóсте ф-н'á. И сjá, óн óште нé флéгăл, тáа дă-сă-пуфáле: "Кýму вăлче, нé пуглéдни нă-гóре, зéр тăрне, глóжде úма, ќи-т сă-нăпрáшат óчте"* [ПК,2-(Мор–225)]; ~ *и óна ќи-сă-пуфáле ус-думăќинлăк, нé глéде пуд нóктто гăби ќи-ј ни́кнăт* [ПК,2(189)]; ~ *и, кату дојде по напрет, гу искриха; и от шес саата сетника дојде и другиот и са пофали на ламјата: "ету, господарка моја, га куртулисах момата ти, гу успих тјахниј бăрзоходеца и му земах капата!"* [V,PM,46]. Употреба на номинативна наместо вокативна форма: **ету, господарка моја.**

пóфат m 'работа, фаќање'; сп. изр.: **úма пóфат** 'кога некој со умешност работи, умее' ~ *úма пóфат, му óде уд-рăка, нóго скóро рăбóте чувéко, áска нă-мóжум кут нéго* [ПК,2(87)].

пóфте pf 'посака' ~ *и óн пóфте бáничка, дáј му; пóфте да-зéме, úма сизбрá рăкичкăта, сă-зăстрăмú* [ПК,-2(87)].

пóфнăтре adv 'кога нешто се наоѓа не при крај, туку подлабоко' ~ *и тăкá дујдéли ду-дýпкăта и влизéли фнăтре. Вăлко зăстăнáл мáлце нă-стрáна, лисúцта-пă удднéла пóфнăтре дă-мудунéсе нéшто нă-вăлко, дă-гу-гóсте... ạдéто си-е-тăкá дé* [ВК(Пат),286].

пóфтур adv 'одново, повторно' ~ *гу удрúва инá јáблăкă мумáта, фáш'-тат да сă кáрат и дрýги јунáци, тáм ш'ту имáш'и: "јóк! м'éн'ạ м'ạ удрú!" "јóк! т'éб'ạ т'é удрú!" гу клáват Ќел'éш'у пóфтур да пруминé* [MS,t,34]; ~ *прати едúн човéк нéгов пáк да ги земи џифарџúите, да ги сăди пóфтор* [V,PM,9]; ~ *свăршúла са клéтвата, штó са проклéло детéто на ќосéто, óти, ако омреá та нá пофтóр да стáне, тогá да кáже на баштá си нá визирја, чи тój му е сúн* [V,PM-258]; ~ *гу пúта пóфтур: "ш'тó клáди да сă пукáци?" "клáх риж'énуту на пýмпу да сă пукáц'ạх!"* [MS,t,51]; и: **повтор** ~ *тогас кралицата ја беши ч'ула и по-харно така слушала; повтор кату чула хуба е, излезе долу та ја вели на момата и тамо на старолакот: "што сакаш тука мајсторко?"* [V,PM,196]; ~ *пак повтор гу викнал; тогај стана момчету, отиде на царјут, му са поклони дур от земјата, и царјут му стори една политика, знаете, хем му стори место, и седнал при царјут* [V,PM,**191**] – проширена употреба на предлогот **от,** наместо 'до': **му са поклони дур от земјата** (м. 'до земјата').

пóфăт m, bot. (Пат) во Ник **пóвут** 'растение, *тóо сă пувúве пу нéко дăрво, сă пукáчуве, цăфте бéло цвéтче и фúно мирúсе нă слáтко*' [ПД(123)].

пóха f 'јаже, плетено' ~ *канáп'у пл'é-тин* [MS,s,86].

пóхáрно adv 'повеќе, посилно' ~ *ету и кл'ýчот от магазúата и, за да верýвати пó-хáрно, стáните да úдими аф горáта* [V,PM,22].

похарци* pf 'потроши' ~ *тја му рекла: "Ако и да та је мăжо ми пратил, ал јаз ни та напуштам внетре. Иди тука на близнио хан, спи там, и, л'у колко похарциш, јаз утре шта ти ги плате!"* [V,PM,280]; ~ *му вели: "ади, момче, ела у мени, јазе да ти пратја на скол'у, да са учиш книга!" И тој стрекса и седнал при неа. И тја похарци млого пари, му стори руба, та го и пратила на скол'уту* [V,PM,190]; ~ *му вéли: "áх, господáр мój, млóгу добрó си чинúл на мéника, ú јáзе вредéн си показáх на мáтимите". Пák тój господáр му велú: "áми сákаш ли дá úдиш и нá поголéми училúшта?" И тој му вéли: "сákам, áма нéмам харчлúк да похáрциам"* [V,PM,150] – во текстот имаме употреба на номинативна форма во функција на вокативна: **му вéли: "áх, господáр мój"**.

похлóпа* pf 'чукна, тропна' ~ *и го принéло, та отишéл при мóмите на сарáе, похлóпал, та изл'áли и трúте при нéк сас еднаквá прeмéна, еднакăф возрáс, еднаквó лúце. Попитáлú го: "Е, што úма?"* [V,PM,258]; ~ *и катó стáнало прéс отринтá детето, отишлó на пóртите, похлóпало. Изл'áли пак мóмите, попитали го: "Е, свăрши ли?" И тој "Свăрших"* [V,PM,258].

похлупи pf 'покрие', в. **похлупјува** ~ *и заедноч царјут зема една златна паница, аф неа тури едно живо мишче, гу похлупи и гу закара аф нихната удаја паницата, га кладе горе аф полицата и на тјах му вели: "таја паница да га не барнити, ча л'у да га барати ке да ви изгон'ам оттука"* [V,PM,64] – веќе рековме дека предлозите **аф** (во) и **на** се мешаат: **кладе горе аф полицата** (м. 'на полицата'); ~ *Напăл'н'а ги в чувал (парите) и отива на тúклата: "Ач аврáм, капá аврáм! Ач аврáм, капá аврáм!" Оназ тикла – дúгни се, дúгни се, похлýпи са, похлýпи са. Ни мој да излезе!... пóдигни са, пáнни пак, пóдигни са – пáнни пак...* [ВД(Кал),334].

похлупјува* impf 'затвора, покрива (пр. со капак)' ~ *проминаа пет-шес саати, фати сиромахувата жена, на рахат не можиши да седи, му вел'аши на мăжо ú: "стопане, ади да отворими паницата, што остави царјут, л'у да видими што има аф неа, и пак га похлупјувами!"* [V,PM,65].

пóхýбав'ă adv 'подобро' ~ *фáт'ăхми да с'ăјми т'ут'ýн и такá фáт'ăхми пóхýбав'ă да си прумúнами* [MS,t,1].

пóхýбаф* // **-хýваф** adj (компаратив) 'поубав' ~ *м'ă извáди ут нóс ч'урбáц'úја, м'ă пýсна у Сулýн за да сă наýч'ă пóхýбав'ă занајáт'* [MS,t,87]; ~ *му вилú на инсáну: "за прумин'éти ш'úч'ки ут мójу двóр за кáж'ити, кутрó н'ăш'ту-j пóхýваву!" ... р'éкуха: "ш'адравáн'у-j пóхуваф"* [MS,t,20]; ~ *нарáсти на ч'урбац'úјата мумáта, úш'ти да ја тáкми, гу ш'éта ш'úчкуту с'éлу, ут тузú пóхýбаво д'ăт'ă ни мóж'и да сă нáj* [MS,t,14].

почарни pf 'кога нешто ќе добие црна боја' ~ *увреjнот речи, ча умрја синот му, фатил мајстори, сос чарна боја му почарнаха каштата, дури кирамидите, и млого са пожали увреjската кашта* [V,PM-,238]; ~ *момата, дека беши бела и царвена, дојде исăхнала кату дăска*

и почарн'ала кату иґупка, ама на Бога се верно молиши да са откини о-тамо, така вел'ајке: "ох, Боже, и сиромаштиа е била млого тешка, ама това-ј било по-тешко!" [V,PM,195].

пóчáс adv 'подоцна' ~ *пă-нéко: без мáјка, без тáтко, уфчáрче и óно сáк д-óде да:-вúде, áма кáк дă-óде. И нéкуј ус-нéго зáдно пăсéл óфци му рéкăл: "Нé că-плáши дéте, и нúа ќ-óјме, ќа:-вúдме". "Дé бé, дé де, кóга ќ-óјме?" "Ќ-óдме пó-чáс, нéк că-зaмăркне мáлко ќи зăтвóрме óфцте, ќи-зéмме аднó јáгне, ќ-óдме"* [ПК,2(Крец–298)].

починка f 'одмор', сп. обичај: – **цамаларите** играат ноќно време, ќе се облечат колку што можат посмешно, ќе се исцрнат по лицето, да не се познаваат. Околу 8 часот навечер почнуваат да одат по куќите, откако ќе изиграат по едно-две ора, ќе ги даруваат и тие ќе продолжат во соседната куќа. Околу полноќ прават **починка** на сред село. Ќе донесат крупна слама и гранки, ќе запалат огин и ќе поседнат (**цамаларите**) околу огинот [ТГ,343]; в. **пучúнка**.

почитува* impf 'уважува, се однесува со почит' ~ *пa-вúкa: Нé-е твá јáдини зa-чов'áко, зa-ɑлúштaтa-си. Оти ɔбл'áчaн. Ас квa-дójдaх нúкој не-ме-пoкáни, сéa зa-ɑлúштaтa мекáнити", вúкa. "Aj дoглéдани". И си-зaмúнaл. Знáчи милýвa прúмер дa-дáј, гo-почúтувaш чов'áко зa-ɑлúштaтa, ɑ-нé кáo чов'áк* [ЛС(К),120].

почне* pf 'се случи нешто ново' ~ *Затóа му-предложил дa-се-бóрат и тój кój ќa-пoбéде, ствáрно е-нájсúлан. Сa грабнáле и Ґýптино почнáл дa-и-белée óчте, а змéо гo-питáл шó тóлко сa-кукóте. Вóа му-ɔдгoвoрúл óти глéде нa-кój рúд дa-гo-фрле* [ВГ(Мир),272]; ~ *и, музúме áдна гулéма книга, тăквá, мунапúшуве óн адн-áрно, óн кá знáа. Нă-женá-мо пúше сјáа: "Тóо дéте кá ќo-прúмиш, прáво дo:-избрúчиш, дo:-ублéчиш, дo:-нaпрáвиш и зéт. Дaпóчниш и свáдба"* [ПК,2(Ним–272)]; ~ *си-л'ăгнáле, утринтá путпéрниџта нăјдéл двé лúри. Пучнáле пó-бугáтичко дă-că-ублéчувăт, дăсă-рáнăт. Вájн си-купúле нúвичка, ýтре кójнче, рáло и-тăкá пучнáле бугáти дă-сá-чинýват* [ПД,152]; ~ *и ка-ки-дójде у-тóплуту врéме укулу-Велúгдиин, ки-пóчне тó дa-сa-рóе, и ки-си-гу-удвúвиш ка-ки-úма пл'ускáни сéмијна и ки-дójде врéме ки-збýвне тá кутúјта* [ВМ(Стр),317]; ~ *глéдăхме бýба. Лúс ќи-му-дрóбат набýбата, сúтно кут-тит'ýн. Пóчнат да пурáснат, ќи-м-дáвиш лúста мăлéнки, лăстáре ут-цăрнúчки* [ПК,2-(Мор–215)] – во контекстот, како дијалектно обележје, имаме присуство на перфективен презент: **пóчнат да пурáснат**; ~ *и-кóга а-вúде óн, прáво ус-тúй нóжувуто, двáта, уф-глáвите, двéте, и-ги зăбóде. Пучнáла та: дă-рúке и сус пáшкăта гу-мáне кăндúлто, гу-изгăсе и-нéма свéтло. Гá-утăпáл лáмјăта, али нă-мóже сéга дă-избрúше крăфта* – еден од многуте случаи на употреба на адверсативниот сврзник **али: гá-утăпáл лáмјăта, али нă-мóже сéга дă-избрúше крăфта** [ПД,168].

почýди (са) и: пуч'ýди pf 1.'се изненади' ~ *са пуч'ýди пнивматúку, му вилú: "ти да пóш' на идúн распăнт' да с'ăш' бустанлăк и тó за прумúна, за гу запúраш' да му дáваш' пу инá либăнúца"* [MS,t,43]; ~ *и как вúд'аха лам'áт'а, кáк ја спú тóлку óда, му că пуч'ýд'аха* [MS,t,74]; ~ *коа го видела жента*

сус толко шеове, са почудила и гу питала, ут дека зел толко пари? Он и́ кажал подробно [V,PM,274]; ~ *ги виде нетри на горештата фурна са замрăзнали и тераха вогин, са почуди и им рече да излезат* [V,PM,46]; ~ *му вел'а́т: "а бре́ ти зашто́ гу отепа́ онова ѧифаирѧи́а тогас на гора́та? Ади е́ла сега́ ти и́ска паша́та!" Тој сирома́х са почу́ди и от стра́х ни зна́иши, што́ да отгово́ри* [V,PM,27] ~ *ма́јка и́, кату чу така́, са почуди и вели на керка́ и́: "мари ке́рку, и от ма́јка скри́хом би́ва?"* [V,PM,30]; **2.** 'се восхити' ~ *та́мо то́ј и́звади же́нските дре́хи и ста́на пра́в. Кога́ гу виде́ха, мо́мите се почу́деха на неговото јуна́ѧтво* [V,PM,9]; ~ *тогас онова́ ца́р, кату га виде́ она́ја же́на, са почу́ди и рече́ сос умо́т му: "наи́стина, за та́ја же́на човек са утепу́ва да га зе́ми"* [V,PM,12]; ~ *кога́ оти́доха на неговата кӑ́шта, сирома́хот са почу́ди са́мо на скалата што и ви́дел* [V,PM,13]; ~ *ца́р'ут, как га виде нивјастата да е толку лична и хубава, са почуди и не можи да си искажи радоста* [V,PM,46] – употреба на сврзникот **да** во декларативно-интенсионални реченици наместо 'дека': **как га виде нивјастата да е толку лична;** ~ *ху́бави би́ли мо́ми, ни́хната гиздави́на не можи да си иска́жи ... кату ги виде́, тој са почу́ди и ве́ли на ста́рата ...* [V,PM,9]; **3.** 'се замисли' ~ *му вели на царју́т: "царју, јазе сакам еден фустан да ми стори́ш, да има слӑ́нцето и месинчината и ѕвездите наврах него, и вечер, кога да го надјана да свети". Царју́т оти́де на терзиата, му каза; терзиата са почуди* [V,PM,223]; ~ *ца́р'ут, как ги види, са почуди и тогас позна, как о́нај сирома́х беши мло́гу прав чове́к* [V,PM,32]; ~ *на пắтју гу и фатил еден дăш, еден страшин облак... И така киниса та оти́де до една река. Кога виде една мắтна вода, еден страшин порој, седна тамо, са почуди, как да мини* [V,PM,93]; ~ *показа́ тефте́рите за пет годи́ни, што ра́бота направи́л на такси́тот. Кога́ виде́ господа́р-от неговите тефте́ри, са почу́ди* [V,PM,14]; ~ *паш'а́та сă пуч'у́ди мрắва по́ ут гламбо́ку и му вили́: "та́с ра́бута н'е́ма зắ-ј така́, а́ла ти сă мо́л'ам да ми ка́ж'иш' пра́вината"* [MS,t,48]; ~ *"с'ắ ти за м'ą в'е́ниш' м'е́н'ą? ш'то́ вили́ш'?" "да сă пуч'у́д'ą то́с в'е́ч'ер, да у́тр'ą са́т'у на иди́н да до́ш' за ти ка́ж'ą"* [MS,t,10]; в. **са причуди.**

почука pf **1.** 'удри, чукна за кратко време' ~ *пắрвио ричел: "Ја́с, е́дин мо́с пра́вăт, де́нта гу-пра́вăт, ве́чăр гу-рắстýрувум и-не́ им-да́м дăгу-нăпра́вăт". Гу-пучука́л пу-гắрбо, ричел: "Бра́во!" Нă-фто́рио гупита́л: "Ти́ шо́ нăпрăви́?" – "Ја́с, ричел, и́мише двýјца бра́те, до́бро живе́ја, ја́с ги-нăтера́х дă-си-изва́дăт о́чите". И-н'о́ гу-пучу́ке пу-гắрбо* [ПД,166]; **2.** изр. **чума почукала** (= кога ќе фати опака болест со широки размери) ~ *кога видела млогу гробишта, питала на царскиј човека, што ја водиши: "Еи побратиме! Што са тиа гробишта тука? Дали некоја чума почукала катука?" И он одговори: "Ах девојку! Чума не почукала, л'у тиа са седамдесат и две гробишта от седамдесет и две баби, што не можеха да отроџат нашата царица"* [V,PM,276].

по́чуру́к adj 'нешто неквалитетно' ~ *е́х, нă-у́труто па́к г-пу́шта: дă-о́диш дă-ми-зе́вăш уд-на́јдо́лнуто ме́со. Во́ о́ди купу́ва па́ гла́ви и*

изи́ци. И ка́ и-но́си, во́ учен би́л. А бе ка́ ти-кӑжа́ј, ричé, и вчéра глáви изи́ци, на́јчуру́кут мéсу дӑ-ми-зéвӑш. – Ут-во́ по́чуру́к нéма [ВЕв,Кор,304].

поште impf в. **пошткa** ~ *питала ја бабата: "Што пошташ, синко?" Тја хи рекла: "Сребро и маламо, бабо". Бабата хи рекла: "Да ти сја зјуви рӑки, синко!" Момичката утишла и утрешниј ден да ја попоште* [V,PM,286]; ~ *мóмата му-рéкла: "Нé си-óдам, за́шчо ла́мјата к'и-за́тне чéшмата и не к'еи́ма да-пи́јме вóда". Дéтто је рéкло: "Ди́л'му нé-си-óдиш, пóшчи-ме сéа ти́ и ка-к'и-дóјде ла́мјата, ка́жи-ми"* [ВС(Гр),295]; ~ *ама прéд дӑ-стáне, óште три́ дéна ка-устáна́ле, дујдéла éдна ґу́пка. Зна́е óти чувéко ки-стáне нӑ-читири́јсто дéн, зӑ-три́ дéна дујдéла óна по́нӑпре́ди нӑ-мóмата гӑ-нӑкӑра́ла д-ин лéгне нӑ ску́то, да-по́ште. Е, пошта́јки, éдна и́гла у-врáто, ту́ка ин-гӑ-зӑбо́дуве* [ПД,164].

пошткa impf 'чисти од вошки, пребарува со прстите по косата, ја **поште'** [ТГ,272]; ~ *напкун седна Ґурга на зелени чаири и легна Сраула на скутот, она фати да му пошткa глава* [МС(В),95].

по̣што́ adv 'бидејќи' ~ *И-го̣-да́ли на ти́а̣ та̣рго́фцити. Та̣рго́фцити на̣ кóј ќа̣-го̣-за̣не́сат, го̣-за̣не́ли на̣ ца́ро̣, на̣-фа̣ра́он по̣пра́о. Не́ма̣л д'а́ца. И тва́-д'а́ти по̣ра́сна̣ло̣, а́ма̣ било́ мно́гу му́дро, и́тро. А по̣што́ по̣си́нето̣ дете́то̣, на̣-фа̣ра́он жена́та̣, зна́чи мно́гу било́ у́ба̣во, ка̣ко̣ си-за̣л'у́била̣ у-не́го̣ и-го̣-на̣па́ќа̣ сега́* [ЛС(К),110]; ~ *и-по́сли га̣-ва́ри̣ми и-а́јде ко́нци, изл'а́ва̣ сви́ла̣. Ако̣ на̣-вр'а́ми не-ги-по̣па́ра̣ш за̣да̣-га̣ изва́да̣ш сви́ла̣та̣, о́н-ќи-го̣-прибу́ши... И-то́ј се-ра̣си́пува̣ сви́ла̣та̣, ко̣при́на̣та̣. По́што̣ о́но прибу́шил и-ко́нца̣та̣ ги-приби́л. Итýка̣ ве́чи н'а́ма̣ кра́ј* [ЛС(К),136].

по̆-ӑвќе adv 'нешто во голема количина, повеќе' [ИГ,127]; в. **по̆вечку**.

прабие pf – верување: ако некој рано наутро, кога уште не каснал ништо, слушне како кука кукавица, или како црцори ластовичка, или како штркот чука со клунот, тогаш се вика дека *ќе гу прабие*, а тоа значи дека нема да биде здрав, односно дека срекáта ќе му побегне, затоа треба штом ќе се пробуди, тоа важи особено за младите, да каснат макар залак леб: *Да апнум за кук, ластавичка или штркал – да не ма прабијат* [ТГ,144]; ~ *нӑсӑба́јле, а́к не́ си-ја́дӑн, а́к-чу́јш дӑпе́е штӑркá̆ло, пилика́но, гугу́ткӑта или пӑ пу́пунцо, ви́кме от те́-ј прӑби́л. Ак тӑ-прӑби́и, то́о де́н рӑбо́тта не́ма дӑ-ти-вӑрве* [ПК,2(89)].

прабоже* pf 'убие со бодеж' ~ *еј што си ли веле, Стујан, млади Стујан:["Мале, мила мале, ти стара душманке,[сама што ќи плаќе невестина мајка,[сама што ќи плаќе, и ти с неја плаќи!"[Стујан си искара ношче црностренче,[си је се прабудел јуф то мало срце* [ТГ,99]; за илустрација на гл. **прободе** еве и едно празноверие од минатото: – народот во минатото верувал дека мртовецот може да се повампири ако умре *уф пугани дни*. За да не стане *вампирин* треба со железно вретено *да се прободе уф мех* и во дупчето да се стави парче од воденички камен, подоцна тоа е заменето со ставање в уста едно парче керамида на кој се испишани иницијалите на Исус Христос [ТГ,259].

прабраде* pf 'завитка, покрие коса со шамија' – штом болниот ќе умре огледалото и чешелот се сокриваат, жените ќе се *прабрадат* со црна шамија, мажите исто така

до шесте недели ниту се бричат, ниту се потстрижуваат [ТГ,252].

прабрадин* adj 'завиткан со шамија, забраден' – жените ќе се *прабрадат* со црна шамија дури до очите и така остануваат *прабрадани* до шесте недели, а некои и подолго [ТГ,252].

Прабраждејне – име на празник (*Преобразение* – 7. август, ст. стил), попладнето, спроти празникот се спремаат кошници и др. садови со кои ќе берат грозје. Тогаш се кинат првите гроздови, пред да касне домаќинот од грозјето се раздава на комшии, а жените носат еден сад со грозје *поп да гу пеје*, и дури потоа смее да се јаде. Децата кога играат в поле не смеат да јадат капини пред да каснат грозје, бидејќи тие се сметаат за *ѓавулско грозде*, **па поради тоа ако некој** прво касне капини, а потоа грозје, се третира дека е на ѓаволска страна [ТГ,74]; и: **прибруждејнă** ~ *уд негу сибеп că туријă и лозјăтă: ут прибружджејнă дур нă тригускатă, sастрă и катă вечăр пăдајрјту носăт пу две кошници* [МЕ(Р),91].

прабражденски месиц m 'народен назив за месец август во Ѓевгелиско'; од односнава регија Ст. Тановиќ ги запишал уште следниве народни називи на месеците: **коложег** (= јануари, тогаш секој треба да има дома *кола дрва и кола брашно, оти не знаиш какво време ки фате*), **сечко** 'февруари', **црешар** 'мај', **житвар** 'јуни', **биљ'ар** 'јули', **бугуројчин** или **груздубер** 'септември', **митровскu** или **касим** 'октомври', **листупад** 'ноември' и **гулемјут месиц** или **бужиќов** 'декември' [ТГ,7].

прав adj 1.'вистински, каков што е' ~ *бáбата отúде нéтри, земá жéнски дрéхи, излéзи вăнк, гу примéни и гу земá нéтре ...и тáмо тój úзвади жéнските дрéхи и стáна прáв* (можело да се види дека е машко а не женско) [V,РМ,9]; ~ *хај си стана, хај си зима једна ругузна,[си ја зави, си ја врза куту права свеќа,[јуд удзгоре ја пулија сус смола и катран,] како, џанум, ја запали уд пладнин сабајлин,[она му свитила, џанум, дур ду црна мрака* [ТГ,42]; 2. 'чесен' ~ *имáло двé брáќа. Иднóто брáт бéше нóгу прáф, дрýгјут бéше нóгу крăдлúф. Е, тáка тó устáви двé дéца. Дójди крăдлúвјут ýмри* [ДК,136]; ~ *синóт му, што и бúл млóгу хáрин, милостúф и прáв човéк, кладé тил'ál да вúка по пазáрите: "нá кóгу úма тáтко му да дáва пет пáри, да дójди сјáкој да си ги зéми!"* [V,РМ,108]; ~ *цар'ут, как ги види, са почуди и тогас позна, как óниј сиромах беши млóгу прав човéк* [V,РМ,32]; сп. уште: *ня прáфта му дýша о-зăтвурúа* [ПК(Мор)]; 3. 'ослободен од греови' ~ *мувéле: "Ифéнди, тýка úма иднукăýрин зáтвур, ýтре ќи-сă-бéсе. Нáшта вéра, знájш, му-вéле, кристијáнцка, трéба јáс дă-гу-причéстăм, му-вéле, и прáф чóикут д-ýмре"* [ДК,135]; 4. орр. на 'виновен' ~ *лисúцăта му-вéле: "Јáс мóжăм дă-сýдăм, áма дă-сă-удвúе ут-тúлут, дă-зăстáне нă-пăтут дóлу. Јáс ќизăстáнăм нăстрéди и ќи-сýдăм: кój-е крúф, кój-е прáф"... –"Е, сéга, лисúцата му-вéле, нă-мéне, вó дóбро шу-ти-гу-нăпрáви, шó ќи-ми-пудáриш"* [ДК,137]; ~ *и фатила уврјајката да го пита: "е, господине, што има, што нема на гори?" И он фати да казува за коласта, ча млого мака тегл'ат грешните л'уди, пак на рај боже много рахат имат правате л'уди* [V,РМ,224]; 5.'десен' ~ *кога гледат сиромах карпачин, от права страна малкото дете от*

три дана чибук пие, сăндба сăнде, крал'у диван му стои [V,PM,244]; ~ *зимúх аднá крýша сус-прáвата рăка, сус дéсната дé. Аннáх ут-тáа крýшта, кá га гизнáх, такá тýка ми-устанá. Едно чигáр испијá, две испú, трú, лáф нéма* [ПК,2(358)]; ~ *óна зé јатагáнăт и сидná узáт у-палхúрăт да-чéка. Тóкмо у-полýнош палхúрăт фатú да-трóпка, и мóмата дигнá јатагáнăт и застанá прáфцом. Иднó си-пăхнá хармúјата глáвата мéћу жил'ásта мóмата го-удрú со-јатагáнăт и му-го-сичé прáвото ýхо* [ВЛ(Aj),338]; ~ *то-ј нăпрáво прéдăно* (пређата е добиена со вртење на вретеното на десно) (Пат); [ПД(131)]; ~ *ја разгóл'ува, гл'éнда на прáвата бúска три кóсим'а злáт'ана* [MS,t,71]; сп. **прáф вéтăр** 'ветар што во Дојран дува од север' [ПД(129)] – (овде несомнено **праф** има вторично значење; сп. **прав** 'десен'); – за архаичната употреба на **прав** со значење 'десен' по периферија на јужнословенските јазици поопширно пишува рускиот проф. **Н. Толстој,** за ова в. во уводниот дел, во првиот том; 6. 'исправен, во вертикална положба', орр. на "крив" ~ *си разл'ути млого и му вели на гостот: "а бре јабанџиа гидиа, зашто не стануваш прав и ниту се поклони на мене, кога си дошол"* [V,PM,222]; ~ *даскалут кату виде владиката, ча носи дете, си зарадува и стана прав на ногите си, гу досрети* [V,PM,37]; ~ *Кулуф л'у гу вúде, стáна прáв, такá и женáта му, гу пријáха сос млóгу радост и млóгу џиримóн'а му чинúха* [V,PM,12]; ~ *и гу сúгна пóпут и гу занéси на бакáлинут на врáтата и гу клáди прáф* [MS,t,68]; **7.** изр.: **úмаш' прáу** (= вистината е на твоја страна) ~ *ја тăкна вáрката на ж'инáта-му и вилú : "áку úмаш' прáу, на прáу да т'ạ звáди Гóспут'"* [MS,t,68].

прáв adv 'право, веднаш' ~ *от нúх едúн стáна от тáмука, отúде прáв на сиромáхот да гу пúта* [V,PM,31].

праварзана кола f 'ако на колата со која се врши превоз поправките не се извршени туку деловите се само *праврзани'. Кирациjата* морал добро да внимава на опремата на својот коњ, а *арабациjата* на колата и на биволите (што ја влечеле колата). И коњот и биволите пред сè требало да бидат потковани и добро нахранети, зашто *"Сус гладин и непуткуван којн и сус праварзана кола не са праве арабациjилăк и кирациjилăк"* [ТГ,419].

праве impf 1.'создава нешто со физичка (или умствена) ангажираност' ~ *и га вел'ам: "ним викај, само опули се тука да видиш, што прават"* [MC(B),76]; ~ *утúвами на нúвата, ут'éгнувáми инá хóртума, прáвими инá кýка* [MS,t,3]; ~ *за у питнáјси днú нóс кýџур гу прáви идúн кóн' сăс крилá* [MS,t,20]; ~ *прáјạт убрăнч зạ бăнчвạ* [ПсС(З)-,68]; ~ *и два л'ýди дрăж'áт хóртумáта ... и нóс сăс кýката џ'áска пу хóртумата, прáви ч'изúја* [MS,t,3]; ~ *пúта, д'é ја прáв'ăт ќупрúјата, да сă науч'ú* [MS,t,24]; ~ *и фáт'ạх рáбута у Англиту, ч'éтир драхмú на дин'ó ... кáмин'а да џ'ăпими, халúк да прáвими* [MS,t,3]; **2.** 'приготвува јадење' ~ *ке одих на вечерта, ки кондисах, ки правих манџа на пăтот, ки доџја овчарите, ки јадиха, ки спијаха два-три сахата* [MC(B),80]; ~ *прăвúа ручóк, сиднáа, пуручáа, му-вúка: áј, ричé, вó пóрџиито зéвиго дă-му-нóсиш нă-тó шó нáј мúј*

ми́ло, ... Га́здата му-ви́ка, зна́чи нӑ-же́нта-му дӑ-му-но́си [ВЕв(Кор),-304]; и: **прави:** ~ *гӑската ... фа́ш'та, ја зако́л'ува и ја вару́, ја пра́и ма́нџа* [MS,t,77]; ~ *тра́хна ('ма́нџ'а ут бра́ш'ну'): прајат ч'а́сту, гу сӑ́хнуват, гу прӑ́јат др'е́бну* [MS,t,65] 3. 'образува, формира' ~ *по́вике рӑкӑве́нки ки нӑпра́вӑт пӑло́к, а по́вике пӑло́зи сно́п; по́вике сно́пи ка́ ки-ј збе́рӑме пра́вӑт ста́ва* [ПД-(122)]; ~ *враза́ч'инут ха... врӑ́зува сно́пи; пу д'е́сит' сно́пи ха пра́и ста́ва* [MS,t,66]; – во двата контекста среќаваме проширена употреба на множинската наставка **-и** кај еднослоҗни именки: **снопи;** ~ *усӑ́хнува ху́бав'а, гу суби́рат, гу дипло́суват ... гу пра́в'ат ина́ тру́мба за да фа́ти калӑ́п* [MS,t,8]; ~ *та́м за стуја́т дур да усӑ́хнат ... с'е́тн'а саба́лин кугá и́ма ро́са, ум'е́кнуват... ги пра́вими санда́ла* [MSt,5];~ *зӑма́ндрите* (ограден простор во Езерото за полесно ловење риби) *на́ј-ло́ш е Дубрува́но* (име на ветар што дува во Дојранско), *о́н ду́ ут-Кру́ша, ут Су́рл'ӑво* (име на село во Дојранско, сега за жал во границите на Грција), *по́гуле́ми дӑлги́* (бранови) *пра́ве, ги-рӑсту́руве ма́ндрите, ле́сите ги-суде́руве и тӑка́ ри́бите избе́гувӑт* [ПД,129]; **4. 'извршува'** ~ *... или кој ки кундисӑт ув селту некуј Турци... и ки фатӑт да ти правӑт зулум не испаќӑ сӑип* [МЕ(Р),90]; ~ *"Е што уткраде, кажајте, де!?" – "Ето што: беше еден убув бустан, заграден сус црни трње. А воја урсус што праве!? Ка му са прајадуве лубеница, и то сношти, пу воја ветар, пу воја сафрагӑн* (лошо време) *и не глидаќи ни оти плет има, ни... праскокнуве, флеве уф бустанут и салде една лубаница беше, па и неја ја скинал. Остави да, и сат бустан виран* (упропастен) *гу правил... сè уд крф!"* [ТГ,187]; ~ *нӑ-бугáтјо му-виле́ле:"Бра́т брат не́ ра́не – те́шко то́ шу-гу-не́ма!" И то́ шо́ пра́ве идну дéн? Зéва идну-о́вен, у-зако́л'ва, у-пикну́ва у-и́збӑта до́лу, гу-пукри́ва. Оде нӑ-идну-прија́тел' му-ве́ле: "Не́ знӑјш ја́с шо́ сто́ри? До́е идно́, та́ка-та́ка. Ја́с г-уте́па. Шо́ дӑ-гу-пра́јме?"* [ДК,152]; **5.** 'организира' ~ *и така ги вӑрна и ги прави тешка свадба и ги гости цел месец и напкун ги пушти на града Будима* [МС(В)96]; ~ *тӑ ве́чӑр о́ни пӑ ки-прӑви́ле пӑржéшка, има́ле ро́дӑно дéте, же́нцко* [ПД(151)]; ~ *му ја да́ди и кни́гата, ја уп'ӑ́ха и ја́ман, ја́ман му пра́ват иди́н бра́к* [MS,t,-17]; и: **пра́ј** ~ *ути́духа у с'е́луту на иднó кш'инудухи́ју; пра́ј гул'а́ма го́зба стра́тиго́ту* [MSt,73]; **6.** 'поправа' ~ *семиту ут декӑ бешӑ пу 12 килӑ житу... гу дунцеа нӑ пу 6 кила житу и ичумен, не и правӑт ку-кјите* [МЕ(Р),88]; ~ *кукјите сӑ туруват, нема кој да-ј права* [МЕ-(Р),86]; **7.** 'го поминува времето, го исполнува денот' (обично по прашањето *што*) ~ *фати со́с ра́дос да гу пита: "о́х мӑ́жу, добро до́ји от Ста́мбол! Ам што пра́ви дивир'ут ми, гу на́јде?"* [V,PM,19]; ~ *му вили́: "на ца́рува́та мо́ма нас кӑ́ш'та" – "и ш'то пра́ви там на́с мо́ма?" – ја пи́та ба́бата* [MS,t,21]; ~ *му вили́: "ја́ су Го́рги! ш'о́ пра́иш'? ка́кси?"* [MS,t,86]; **8.'исполнува некаков временски рок'** ~ *ну́кут прави́ две́ гуди́нки;* **9.** 'се чувствува' ~ *што́ пра́ве булни́кут* (= како се чувствува болниот); **10.** 'мести изместен зглоб' ~ *о́ј дӑт-т-јӑ напра́ве рӑ́кта Кира́на* [ПК(Гӑр)]; **11.** 'добива' ~ *седбӑтӑ*

му удирише баш, семиту бише 12 к.ж., 12 ичумен, уров правиа л'ујту пу 15-20 килă [МЕ(Р),90]; **12.** 'зборува' ~ *"ни стáнува, ни стáнува! – пак прáви – за ми ги дад'éш' палтó, пантанóл, улéјку, ш'úч'кит'ă рýби за ми ги дад'éш' да такá за ти кáж'а!"* [MS,t,41]; ~ *"т'ă милóвах да дójдух – д'ăт'ăту и прáви – с'ă ш'тó вилúш' да úдам, да ни úдам?"* [MS,t,22] – во контекстот имаме прашална реченица без партикулата **'ли' (балканизам);**~ *д'ăт'ăту му прáви на тáтку-му: "ми ни дáваш', тáти, мрăва парú, да јáхна кóн'у, да пóја на дрýги силá?"* [MS,t,20] – необична линеаризација (во прашални реченици): прво заменката, а потоа негацијата (повторно без честичката **ли**): *"ми ни дáваш'?"*; и: праи ~ *манџ'óт и пóнапрăт' утúди у думá и прáи на ж'инáта: "ш'ó ч'ýја – вилú – ж'éну?!"* [MS,t,78]; ~ *му прáи цáр'ут на скопóту: "ш'ó тимурúја úш'тиш' да ти стóр'ă?!"* [MS,t,78]; **13.** 'одговара' ~ *му вúка на ч'ифч'úјата: "éј, ја ни вúд'ă мójта парлúца, бé?" ч'ифч'úјата му прáви: "ц-ц,-ц-ц!"* [MS,t,-43]; **14.** 'дозволува, чини така да се направи' ~ *му вилú ... : "т'éс ш'ту за дójат, ни прáви да сă пикája у инó ш'иш'é да за му гу прудад'éми л'ăк на т'ăх"* [MS,t,36]; 15. 'предизвикува' ~ *дјáвулу и фл'áва на цáрицáта у кур'éму и прáви ин'é булúки* [MS,t,31]; ~ *и такá сă испатландúсаха икимџ'úјиту, ч'ă бóлката ни кáци, сид'ă ш'убијéту (идúјата) прáви, ш'ту прáви* [MS,t,43]; **16.** 'менува (во негативна смисла)' ~ *јáхнува кóн'у на дóл на гóр'ă пу бахч'áта, ја прáви зерзибúл, ја змáч'ка ш'úч'ката бахч'á* [MS,t,3]; **17.** 'чини, има вредност' ~ *и нузú имáни за в'éниш' за гу платúш' и за устáвиш' дипóж'иту парú дв'ă кóлку прáви имáниту* [MS,t,28]; ~ *му дáва дв'ă лúрă за кафéту, му вилú д'ăт'ăнту: "ни прáи тóлку кафéту"* (= не чини толку пари кафето!) [MS,t,83]; [MS,s,88]; **18.** 'полово соединување (меѓу маж и жена)' ~ *сúга ни прáими инóш' на тáс зил'éната трăва* [MS,t,77]; **19.**– 'израз за равенство' ~ *трú и пéт прáвăт óсом* [ПК(Гăр)]; **20.** 'слави црковен обред, празник' ~ *уф Стујáкăво гóстаа, прáваа курбáн двајсăт-трújсăт кýки. На пăнăгúр óăт на "Прéсвета". Мăртвин прáвăт спурти Митрóвдин* [ИГ,118]; **21.** 'имитира, подражава одреден звук од животно' ~ *уд-нóгу врéме нăцáрут дéтто тúшăл тáму кă-бúл лóвăч, тúшăл тáму дă-гу-нăпóе кójнут. Кójнут пúе вóда и ррр прáве, сă-плáше и пýле нăгóре* [ДК,148]; ~ *вечерот пак за си собрат кумови и сватови, јадат, пијат. И богазјајту* (сватовите), *колко ки бидат, сите ки дојдат на зентјут да си гостјат дур саатут на 7, и прајат и пентелот с пентелова песна* [V,PM,250]; **22.** 'зида, гради' ~ *ја он отговори: "ету има на една касаба една водиница, ја прајат масторету: ден'а ја работат, вечер јаз ја турам, и мастори толко сам отепал!" Тогај му вели гол'амојут: "аферим"* [V,PM,167]; ~ *тéмил' да фáта зúт да зазúда [шó а правúл ду три гудúни* [МЕ(Р),95]; **прáи:** ~ *и прáи кулúба за ч'убáниту да спáт, да ни пумрăзнуват зимáта* [MS,t,67]; ~ *сă вúке нă тăрлуто... пукрújно-ј то, уд еднáта странá-ј дúгнăно, сус тăрска кăд нáс ú прáвăме* [ПД-(125)]; **23.** 'крева шум, пука' ~ *áс бúх нă-гувéта, гувéта пáсăх, дујдé*

чи́к-ми, нă-та́тку по́-мăле́чук бра́т и кăжа́: "Аjде бе́гат си́те, ќи-бе́гме га́ре". И уддé се́лто, пригна́ ади́н sигвáр, á дна ко́ла прăгна́а. И ни́ă пу-чи́ко, и́мăхме пе́-че́с гла́ви гуве́да и две́-три́ ко́зи, и зăбра́ме и ка́рăме. Бу-у, бу-у, то́пуфто пра́ват, бе́гат Бугáрто, и о́ни бе́гат с-на́с бăрбáр [ПК,2(Мор–218)] – сп. додаток за место без предлог: **и уддé се́лто** (м. 'во селото') ; **24.** – **(сă)** 'се преправа, се претставува' ~ *о́н, ка́к си-је-зе́л мăската, хо́ди и је продáва (мăската от-кади́ја)! То́ва кади́ја пусти́ да-му-ви́кнат Стратин-о́ца. Ка́к ти́дахă да-трупна́ха на-по́ртата, Стратин-о́ца се-пра́ви мо́ма: "Ко́j тро́па на-по́ртата?"* [ВС(Кир),293-294] – пример за употреба на предлогот **од** со посесивно значење: **мăската от-кади́ја**, наместо 'маската на кадија', што се третира за влијание од балканската јазична алијанса; сепак треба да се одбележи дека само неколку реда подолу среќаваме: **да му плáти мăската на-кади́ја**. Се чини дека запишувачот на приказната М. Вукчевиќ погрешно го запишал зборот **кадија** без член, т.е. организацијата на реченицата упатува на: 'мăската от кадијата'; можеби за односниов превид придонело и немакедонското потекло на истражувачот; ~ *уф пунидéлникут пусéстримте ц-сă ублéчăт уф нивéстини фустájне, пубрáтимте ус шăми́jки (тул'бéjне) нă глáвта... мéчки сă-прáвăт* [ИГ,118]; ~ *árну-ам', ка-влизéмă у кури́jта, цăрквăта нибéше нă-дéсна стрáна, а сéлто претнáс... мéн-ми-сă-видé движéние уддéсна стрáна, а jáс си-рàзбрáк оти-вójска; са-прáвăм да-не-j-видéк и му вéл'ăм:...*[БМ(В),192]; ~ *слăнцăто си грăло и сă правило, чи ни ă глăдă, тă сă вăртăла по нăго, и от много вăртăнă около слăнцăто и мăкă пожăлтăла та стаала китка слăнцогрăв* [V,PM,288]; ~ *и́ма не́куj прáве ло́шо зăт чувéк, а прăт не́го сă-прáве árин кут свúта бугурójца;*

25. – **(са) 'се здебелува, пораснува'** ~ *и, пучнá дă-а-ráне вóшкина хрáна. Тá, вóшката, станáла óште пóулéма ут-шúшту. Станáла и сăпрăвúла скóро кăту jágне, дýри и влáкна му наникнáле лéву-дéсну* [БМ(В),194]; **26.** 'се чини' (ми изгледа) ~ *"на м'éн'ă ми са прáви, сăн кáзувáхти и jас сăн ви кáзувах"* [MS,t,12]; ~ *"ш'тó стáна гăската?" – "ни знáм! ми сă прáви: прул'éтна"* [MS,t,56]; ~ *На тáтку-му сă прáвиш'и, ч'ă úди напóсл'ат н'éгу; кугá сă убрна nasám' да вúди и гу гл'éда кутý партáл* [MS,t,58]; **27.** изр.: **сă-прáве нă три́-и-пýл** (= се прави дека не разбира) ~ *ác му-кăжýвум, а óн сă-прáве нă-три́ и-пýл* [ПК,2(197)]; **двá óстри кáмăна кăрмá прáвăт, брáшно нé мéл'ăт** (= два остри карактера тешко се сложуваат) [ПД,137]; **праве инле** (= зборува невистини) – девојчињата што заедно треба да пеат лазарски песни вака се колнат во меѓусебна верност: *"На! Леб бакнувум и воjа леб очи да ми фате, ќорува да одум, ако правум инле и ако са уддел'ум уд вас!"* На истиот начин се колнат и останатите девојчиња од групата и потоа парчето леб ќе го фрлат на кровот од црквата зборувајќи: *Коjи ки праве инле и куту воjа леб да са исуше!"* [ТГ,44]; му **прáве ă дна́ тимина́** (= му се поклонува) ~ *мшу нójзте на чурбăмúата испáќе прăт цáрут. Му прáве ă дна́ тимина́ и му кăжýве: "Цáро, рéкăл, дă ти кáжум зашó сă нăсмиjá тáа рúăбта нă цăрúцта"* [ИГ,111]; **митајне прават** – сп. обичај: кога се одделуваат младите членови од заедничкото

семејство, прават заедничка вечера, *са прустуват*, младите, тие што заминуваат три пати *прават митајне* и на најстариот му ја бакнуваат раката **со зборовите**: *"Прости, баче, ако ти нешто згреших, зарди лебут и солта што сме заедно ја јаделе!"* Тој им одговара: *"Прустено и уд мене и уд Госпуд и на воја век, и на тоја век"!* [ТГ,294]; **праве тока** (= кога луѓе што пијат заедно вино или ракија и кога пријателски ќе ги чукнат чашите се вика дека *прават тока)* [ТГ,163]; **сите сме измет правиле на тоја ум,** или: **сите сме биле сос тоја ум** (= се кажува за грешките што ги прават младите луѓе) [ТГ,134]; **уд-бā̀лта пра́ве би́вул** (= се кажува за некој што во зборувањето ги зголемува работите, пр. туѓите грешки) ~ *и́ма тāкви́, по́виќе же́нте сā-тāкви́, ќи-чу́ут а́јн ла́ф се́тне ќи-ка̨жу́ват прāкāжни́ци; уд бā̀лта би́вул ќи-нāпра́ва̨т;* со слично значење: **уд-вла́кнāто пра́ве ка̨ми́ла** ~ *уд не́каа ма̨ле́чка гре́шка пра́ве гуле́ма рāспрāви́а* [ПК,2(203)]; **гā́рнци пра́ве** (= се кажува за некој што починал); **ка́-ј дигна́л гла́ва** *(сā пра́ве сѐ о́н дā-зна́а)* (= се кажува за оној што има многу високо мислење за себе) [ПК2(169)]; **уд-адно́то две́ пра́ве** ~ *гуле́м думаќи́н-ej, не́ тро́ше, но́го чу́ве* [ПК,2(203)]; **праве акарет** (= ги злоставува другите) – среда е последен ден од свадбениот церемонијал, попладнето ќе се соберат *пубратиме* и *пусестрими* и во шега ќе испокршат сѐ што ќе им дојде до раце: *чаши, букале, мисуре, канавази* (садови, вазни) и др. Кога од сето тоа ќе се *наситат* (кога на човек од нешто му е доста) *правејќи акарет,* тогаш невестата ќе направи вечера, која ќе биде завршна за сите гости (ТГ,190); **си-правиле ќејф** (= ужинале – во односот маж - жена) ~ *тугá, стáро врéме, тáка имáја – клáпа нā-врáтта. И тáп врáтта, си-óде дóма. Си-пā́рвно вичирáле унā́тре, димéк, си-вичирáле árно, си-прāви́ле ќéјф цéла вéчер. Нāрáнто: "А бе ѓā́ур, му-вéле, а бе кā́урче, зéвāј двé ли́ри и óј си! Утре нé – óнден пá дā-дójш. Дāсā-удмóриш идну-дéн"* [ДК,134]; **му-прāве́л ќéфут** (= му ги исполнувал желбите) ~ *áма бидéјќи и пóпут би́л нéпеан, пā-зā́то и óн му-ј-нуси́л нā-дéјто дā-му-пéј. Дéјто и нā пó-пут му прāвéл ќéфут и кáто нāпóп су-óшче пóгулéм ифтибáр мукā́жувал зā-сѐ шǫ-писáл у-тá: пā́лéна кни́га* [ВЕв(Кал),292); **праве хизмет** (= услужува некого, му помага) ~ *и толко се карали, дур штели един на друг да се поедат. Тога Бог се нал'утил, та треестето брата дигнал горе на небето да му правет хизмет* [V,PM,266]; **колку му прави харчта** (= колку треба да се плати за извесна услуга) ~ *и цáрја поминā́л нази нāш фаф ходаéта и отринтá, когá сā́мнало, попúтал ха(н)жúата, кóлку му прáви харчтá, а пак тój му кáзова: "За úме Бóгово парú не зúмам". Та са поч'ýди цáрја и го испúта, как навјаксова, на ден по тóлку л'ýде заминóват* [V,PM,255]; **прај инат** (= непотребно се лути, се инати) ~ *тогас царјут му вели: "мојут зент, халваџиа, дека и, да гу видја?" Тогас излезе царјувот зет, му вели на френгот: "ошти еднош сос халваџиата инат да не праити, зашто живи на Бога ви носи!"* [V,PM,201]; **прајат имани** (= се богатат) ~ *и момчету, кату зема парите, отиде сос траговциту на панаир. Сички другари фатили да прајат имани, секои спроти траговиата, што имал*

[V,PM,190]; **сă-прáвăт фудýл** (= се однесуваат премногу гордо) ~ *Вăлците кăндисáли. Лисúцта зéла ăjн-кýп кăлчúшта, им-дjуздисáла пуăднá пáшка, éм пóдлăга, éм пóрýнтăва, им-ги-вăрsáла. Вăлците сă-глéт и сă-прáвăт фудýл сус-нóвте пáшки* [ВК(Пат)287]; **сиир му са праиши** (= му беше интересно, се радуваше) ~ *после ручокот тресноваши трохите от софрата на морету; да јуде си научиха три малки риби, дохождаха тамо. За ден тој кату гледаше рибите, как јадјаха трохи, сиир му са праиши* [V,PM,169]; **сúлăн се-прáj** (= покажува херојство) ~ *"Пá, вúка, чéкам дăзамúни бýрата, кáj-ќи замúнă". –"Ej, вúка, си-плáшиш, тáă нé-е-длăбóка". "Кáко нé-е длăбóка, кáмини нóси, вúка, нé-е длăбóка!" И-óн сúлăн сúлăн се-прáj сăс-кóн'о. Твá квá го-подбрáл, тóă-е сúлан, от-плăнúнă дóвă* [ЛС(К),119]; **правејќи мааБет** (= додека разговараа) ~ *и-змúатă, тăкá, ќе-гăтне дестúнă, петнájси, и-ги-нóси, óди пред-врáтатă и-ќи-ги-истýри, ќи-ги-повráти и си-óди. Тój сăс тóа, сăс чов'áко се-úмăт, сéă пријáтели-се нáли! И, правéјќи мăаБéт, вúкă: "А -би, Кóли, дă-рéчăм, кăj-мéни претврáтатă ми-нóсăт парú, н'ákoj. Тúдă-нé-си"* [ЛС(К),128]; **прăнúме кăýл** (= се обложивме) ~ *"Дéк ójте брă-дéца?" – "А-мú, рăчéле, нúă óда:ме нă-пóпо, пă-сjá: пугудúме". А -па-нé: úстински пóп, áми ѓáвул е сèга. –"Е, ми-зăшó?" – "Прăвúме кăýл сус-брăт-ми двýjцăта, дáл'-ej крúвинта árна, дáли прáвинта-j árна!"* [ПД,165]; **си прáви сăс умó** (= си мисли) ~ *си прáви сăс умó: "ш'то анáнги да пóда jáс склáвус дăсапák, афý úмам инá камúла парú"* [MS,t,14].

прáве adv 1. 'веднаш, направо' ~ *улезú сиромáхот от злáтената гимúа и отúде прáве на господáровата кăшта* [V,PM,14]; ~ *станáха сúчки, отúдоха сос нéгу аф горáта, прáве на магазúата* [V,PM,22]; ~ *му вели: "стáни, ... подигни онája плóча, колáj богáт да си чúниш"... и стáнá, прáве отúде на плочата, га подигнá, и бéши наистина товá* [V,PM,30]; ~ *тогас бабата зема една честина и брашно и един бакăр и една пируськá, та отиде праве* [V,PM,241]; и: **прáв'ă** ~ *фл'ázи н'éтр'ă и прáв'ă гóр'ă трăч'ú* [MS,t,56]; ~ *зл'ázуха у касабáта и си з'éва д'ăт'ăнту зимбúл'ут ... си хóж'да прáв'ă у думá* [MS,t86]; ~ *и трăгнува суфéринут пр'áв'ă за да пój на палáт'ут* [MS,t,83]; ~ *гу jáхнува кóн'у, врăтнува кл'ýч'у, прул'éтнува утáм, си утúва прáв'ă на цáрувáта мóма* [MS,t,21]; ~ *дур да пój тóс да сă заóкули ... ни-в'ăстата фустáн'у гу извáж'да, ут будрýм'у на jатáку прáв'ă* [MS,t,13]; 2. орр. на 'криво' ~ *пак тојнака вели: "харна удаја, дивојку, имати, ама уџаку је мăра крив". Тјанака познала, ча за носо ú така вревиши гостут, и заедноч му дала каршилăк: "ej господине, уџако е крив, но кадешут изл'ава праве"* [V,PM,54].

правејне п 'кога нешто се приготвува', пр.: *вино правејне, вар правејне,* така запишал Тановиќ [ТГ,351], но подолу: *вар-правејне* или *вар-пичејне* (последното е поточно).

правидна душа 'чесен човек'; сп. верување: – кога ќе фати силен ветар народот кажува дека е тоа *крмнина* – т.е. дека некаде е пролиена "правична" крв. "*Ох, дека исклаа некуји правидни души!... Ваја е дуќумија Божја*" [ТГ,436].

пра́вин adj 1.'приготвен, изработен' ~ *му-кажу́ват ти́а: и-дă-сă-нăу́чиш и дă-не́-сă-н-у́чиш сѐ да-ви́киш не́ зна́м. Ка́-т-искара́т го́ре пра́-ма́јка-ти дăка́јш не́ зна́м, о́ти, а́ку ка́јш "зна́м", ара́пино тă-ј-зе́де. Ти́а кӑшти сă-пра́вни се́ ут-чу́ве́шки ко́ски* [ПК,2-(Ним–268)] – во контекстот, што не е многу голем, има 2 случаи на перфективен презент, што зборува за честотата на односните форми: **ка́-т-искара́т го́ре... и ара́пино тă-ј-зе́де;** ~ *мӑлsăхме уф-ве́дре, уф-шо́ и́ма, уф-те́њӑре. Еми и́мше и ут-прӑс видри́на пра́вини, а пă са пă уф-тињири́на. Тињири́на мо́лsат* – беспредлошки додаток за место: **тињири́на мо́лsат** (м. 'уф тињирина') [ПК,2(256)]; ~ *дуjдé чи́к-ми, и кӑжа́: "Ајде бе́гат си́те, ки-бе́гме га́ре". И уддé се́лто, пригна́ адúн sигва́р, а́дна ко́ла прӑгна́а. И ни́ă пу-чи́ко... Пра́во на-Шпе́мница о́дме, то́-ј нă-го́ре. Пу-то́ пăт, пра́вин'о избига́ме дăле́ко* [ПК,2(218)]; ~ *ку́пин-ej ил' пă до́ма-ј пра́вин (ле́бо)* [ПК(Гăр)]; ~ *како́ф ej, зăни́што не́ о-би́ве, не́ о-умее́ ни́што, чи́ниш ус-мо́ч пра́вин* [ПК,2(206)]; ~ *то́о ба́б-Цо́фин Ата́нас чи́ниш пра́вин не́дупра́вин: де́к сă-ла́фе ки-фа́те дă-сă-сме́е* [ПК,2-(188)]; **2.** 'нешто изработено мајсто-рски' ~ *пи́тиш кӑштте кӑкви́ би́а? Еми ја́, ни́ски кӑшти, не́ тӑкви́ висо́ки кутусjа́а шо́ и́мме пра́вини кӑшти. Ни́ски кӑшти тӑка́, не́куj ма́лко пуди́гнини, тӑкви́ би́а* [ВК-(Шт),288]; ~ *това сиромах като си напи вода, рече на дjатету, без да знај, ча он га има правена чешмата: "их олан, побратими, какви будали л'уди има по земjата? Да имам толку пари, jазика хождам да открадам куумциовата жена, а не да чинам тука чешма да пиат светот!"* [V,PM,67] – во текстот ја среќаваме конструкцијата: *има (нема)* + *гл. придавка* и тоа во првата фаза, кога придавката се сложувала со предметот на кој се однесува: **он га има правена чешмата;** **3.** 'вистински' ~ *и ве́лиши: и на ме́н ми зна́ити, и удекӑ сӑм па ми зна́ити; и ут са́м ут ме́н не испадна́х, туку́ то́а шо ми пушти́ пра́вин, шо ви́а не́ гу зна́ите* [MV(K),256] – случај на изразување на директниот предмет со предлогот на: **и на ме́н ми зна́ити;** ~ *туку́ ки до́jди вре́мито, и се́га-ј, о́ти ти́и пра́винти пукаjа́ни л'у́ди ки си пуклӑну́ат на Та́тко су сѐ са́рци и пра́вина; о́ти и Та́тко такфи́и па́ла шо си пуклӑну́ат на не́го* [MV(K)-256]; **4.** 'безгрешен, правичен' ~ *то́га ки уговори и на ни́х, и ки ре́чи: Исти́на ве́л'ам на ва́с, ко́лко не́ чини́хти на ви́а сироса́си, ни́то на ме́н чини́хти. Да ки си о́дат ви́и на ве́иново пе́кол, па пра́винти на ра́j жи́в дуве́шно* [MV(K),282]; ~ *па же́ната му... Елисаве́т. И jо́бити би́ле пра́вини крӑj Бо́га, а тера́ле е́м чини́ле на са́ти пуве́ли и пра́вини Господи́нцки, о́ти би́ле чи́сти. Па не́кој де́ти не́ му са чини́ло, оти Елисаве́т бе́ши ја́лоф, и на гуди́нити би́ле устаре́ле* [MV(K),294] – во контекстот имаме еклатантен пример за тоа до која степен категоријата род во југоисточните говори не функционира: определбата за жена што не забременува е дадена со формата за м. род – **јалоф: па же́ната му... Елисаве́т... не́кој де́ти не́ му са чини́ло, оти Елисаве́т бе́ши ја́лоф;**

~ вúа си мóлиши: Гóспот, исполájти, шо нé сам катý друзити л'ýди... И јумбрукчúата стóиши у-далéко, и вéлиши: Гóсподи, прóсти ми на грéшин човéк. Вéлјам на вác, вóа испадná прáвин и прустéн си утúди на кýкја му [MV(K),280]; *~ а видé Исус на Н... шо úдиши кăд нéгу, и вéли зарди нéгу: Ету прáвин Израúлитин, шо нé му си наóги на нéгу кривутúа. Вéли на нéгу Н...: Удéка ми знáиш?* [MV(K),283]; **5.** сп. **прáвина** (за девојка, жена) 'дотерана, нашминкана и сл.' [ПК(Гăр)] – односно значење на придавката во м. род го немаме констатирано.

прáвина* f 1.'вистина' *~ јазе ти знам тебика кату татку и ти казах правината* [V,PM,39]; *~ паш'áта сă пуч'ýди мрăва пó ут гламбóку и му вилú: "тáс рáбута н'éма зăј такá, ála ти сă мól'ам да ми кáж'иш' прáвинáта"* [MS,t,48]; *~ гу пúта ч'урбаџ'ýјата: "да т'ạ пúтам јас т'éб'ạ да ми кáж'иш' прáвинáта!"* [MSt,47]; *~ кату седнаха да јадат, бабата и јала и пила, и на пазва си напални за гостју. Свадбарите ја питаха бабата: "бабо, зашто тăј праиш, дали некој гост имаш?" Тја правината на свадбарите не и казала* [V,PM,221]; *~ ету на пăтјут гу стретоха три жени: тиа били неговите наречници. Му вел'ат: "синку, дека ке да идиш?" И тојнака им каза правина. Тогас тенака му рекоха: "ади иди, немој ти е страх!"* [V,PM,74]; **2.** 'справедливост, она што е ред' *~ сéкуј сáке дạ зúме, прáвина не сă глéде* [ПК(Гăр)]; *~ тукý да не са умýати, éм да вéлите: Шо ки јáдими, úли шо ки пúими, úли шо ки си облéчими... Тукý пишúн да пáлати на Господúнова царштúна и нéговáта прáвина, и сăти вúи ки и намéсти óн* [MV(K)264]; *~ "Дéк óјте брă дéца?" – "А-мú, рăчéле, нúă óда:ме нă-пóпо, пă-сјá: пугудúме". А -па-нé: úстински пóп, ámи ѓávул е сèга. –"Е, ми-зăшó?" – "Прăвúме кăýл сус-брăт-ми двýјцăта, дáл'-ej крúвинта árна, дáли прáвинта-ј árна!"* [ПД,165]; *~ "А-бă, ричéл, мójш крúвинă дă-нăпрáвиш, ми-тó-ј чувéко, прáвинта né-ј árна. Дáбро дă-нăпрáвиш né-ј ýбуво, злóто-ј ýбуво"* [ПД,165]; **3.** 'правда, невиновност' *~ "от што му са вúде на нúх и нá добúците кајдúата ми хárна, фатúха сúчки да úграт. Сéтни јáзе што кабаáт úмам?" Тогáс кадúата му најдé нá нéго прáвината и му вéли: "свúрни málко, и јáзе да поúграм сóс мојáта кадúјка!"* [V,PM,127]; *~ но они му дáли млóгу драгоцéни кáмина на кадиата, та крúво са сăдиха, óни земáха прáвината, пák Кулýфа гу турúха хапуз* [V,PM,8]; *~ жáлијо: нă-прáвинта си-издé кутéко* (= кутриот го изнатепаа иако не беше виновен); *нă-прáвинта зăгăзú* (= настрада без вина) [ПК,2(185)].

право adv **1.**'веднаш, директно' (в. прáве) *~ јаз два дена има, што дојдох от тамо, ако човекот имаше ништо, тој ки дојдеше право у мен* [MC(B),80]; *~ бегот гол хатот го вјана и зима мастагарката; ... как го видеха јуруџите право на мене ми совăрsаха* [MC(B),74]; *~ тóо дéте дéн виздéн го-пасéл јáгнăнцто и-вичиртá сă-варúне дóма сус-јáгнăнцто. Јáгнăто прáво нạ-пизýл'о утúве и рýп-рýп-рýп фăтúл дạ-жвáке ан-вăглен* [ВК,284], *~ така си а уjдисама работта за кинисувајтто ут тува, шо емин ки*

втасиме на Одеса (зајднăш ут карапампур да флезиме право) – изливајне ут пампурут и уливајне уф воднјут пампур [МЕ(Р),68]; ~ *една вечар, каде сахатот три ноќа – му вел'ат на то место на Данајков Рид, там овци пасах – дојдеха двамина Арнаути право на мен* [МС(В)74]; ~ *нă трундúро úма скрăмăтúци, скрăмăтúк е дăрво ут смрéка, чăтáл кăту бýква Т, едúнјо дéл óде прáво нă гóре* [ПД(128]; ~ *си чини бостанџијска руба и уружи Бошково кон, го вјана и тигл'а право на Имир Николови конаци* [МС(В),-94]; **2.** 'точно, верно, како што е вистината' ~ *сега ти питам, мале, сакам право да ми кажиш: татко ми, мале, што занајат имаши на животот му?* [V,PM,41]; ~ *жената му каза право, ча децата и ги открадоха. Тогас уврејнот ја вели: "скоро донес гул'амото дете, да гу заколими, јазе да гу јада него, зашто тој да расипи сичката работа"* [V,PM,231]; ~ *за Бога, за душа, право да кажиш* (изр. кога некого го заколнуваат да ја каже вистината) [ТГ,320]; ~ *излезе пак прет сиромаху и му вели така сос грозност: "господине, да ми кажиш право, колку караграша зема!"* [V,PM,39]; ~ *аку нé ти вúждах тéбика, ки вéл'ах да е она нáј-хубава на земјáта, áма сегá кажýвам прáво, оти тúнака си млóгу по-хýбава от нéа* [V,P-M,9]; – како тој ќе сведочи тоа е точно, бидејќи тој кога се зафатил за таа работа се заколнал дека *"право ке гледа и право ке гувоpе"* [ТГ,279]; **3.** 'правично, како што е ред' ~ *му вели: "не е право да се бориш со стари л'уди, изпадни с акранот"* [МС(В),98]; ~ *му-вéле вóлут: "Слýште вáка! Јáс нă-мójто гáзда двáјсет гудúни му-óра, мурăбóта; му-пурáсти и дéца. Ето, сéга устáри, мă-пуштúа у-ăвлúăта, мă-тóкме дă-мă-зăкóле, му-вéле. Нéма прáво"* [ДК,137]; ~ *от тáмо кинúсаа, пák отúдоха, нáјдоха áф еднá дýпка еднá лешúца. Човéкот вéли на лешúцата: "лешúцо да ни сăдиш прáво, јáзе ке ти докáрам еднá квáчка сóс дéсет пúлца бакшúш!"* [V,PM,139]; **4.** 'таму каде што е потребно, во вистинскиот правец' ~ *мúнáа зăминáа двáјст и пéтмúна,[двáјст и пéтмúна, вéрна дружúна:[нáјнăпрéт вăрви Трáјко Морáрцки,[по-нéго óди Тýше Богдáнцки,[прáво си-тéгл'ăт зă-Стујáкăво,[јóдат и пéјат и зă-бój мúсл'ат,[прáво стрел'áјте, прáво фăрл'áјте* [ПК,2(272)]; **5.** 'десно' ~ *прифтáса прăвна на мурабéту тój; фáти да кóли на л'áву на прáву да му сă набú рăнкáта* [MS,t,35]; ~ *и пак младата самовила отиде, му вели: "Што плачиш? Има колај и за тас работа: па да земиш камшикот, да поиш на нивите, седом да удриш на право и осам на л'аво, сичко ке си чини!"* [V,PM,278] – уште еден пример за присуството на лексемата **прав** 'десен'; в. **прав**.

правој m 'направа од штавена кожа, како појас со кој се прицврстува јаремот со ралото' (на **потеглото – воиштето** од ралото има дупче во кое влегува дрвце што се вика **утрашц**, и околу него и јаремот се замотува **правојот**) [ТГ,326].

праврате (са) pf 'се обрне' – *пудстрминот* личи на *стрмино*, само е помал: ако е самарот нов и *не е лигнан*, лесно може да се *праврате* односно да се *(на)стране;* за да не се случи тоа предните нозе од коњот се вовлекуваат во *пудстрмино* и самарот не може да падне]ТГ,420[; в. **прăвăрнуве**.

правудија f 'подарок во пари што се даваат на свршената девојка', сп. обичај – за време на *армасот* (свршувачката), кога свештеникот ќе ја прочита молитвата и ќе ги благослови *армасанте* со зборовите: *"Да са живи, да са здрави, Аврамува и Исакува мулитва да имат!"* итн., тогаш таткото на девојката се ракува со таткото на момчето и ќе си *разменат нишајне* (ќе ги променат бовчалаците). Потоа доаѓа *армасанта* девојка и ги дарува гостите. Прво почнува со свештеникот, ќе му ја бакне раката и *ки гу даруве сус риза*, потоа ќе ги дарува и останатите. Штом ќе ги добијат даровите гостите ѝ даваат на девојката *правудија* (подарок пари), а таа примајќи ја *правудијата* им бакнува рака [ТГ152]; – за време на Божиќните празници *армасникут* со своите *пубратиме* руча кај девојката. По ручекот *армасницта* ги дарува со *пачети* (шамивчиња), а тие нејзе како *правудија* ѝ даваат *алтънче* [ТГ,153].

правýн m, bot.'вид печурка, расте по дрвјата, особено на црница, служи за припалување оган со удирање на кремен камен со парче челик' [ИГ,128]; в. **пран**.

прагледне pf, в. **прăгле́де** ~ *аман, Петре, милин ступано,[ка кајдиса ка на устави!?[оти, Петре, така прави,[који на деца мирам ки даде,[на сираци леб ки даде![така ки се мăчат и путиркат,[оти немум јаска никуј,[ни рода-руднини, ни татко ни мајка,[на кого молба ки правум,[који ки ма пугледне и прагледне?* [ТГ,264].

прагоре pf 'кога нешто ќе изгуби од својот квалитет поради пресилната температура на која е изложен, пр. *лебут* или нешто друго што се става на огин може да **прагоре**', но исто така може да **прагоре** и **уцетут** (да стане премногу кисел) ако е оставен некаде каде што температурата е висока, во таков случај му се додава вода од варена пченица [ТГ,355].

прагризе pf 'прекине (прегризе) со забите нешто' ~ кога жената ќе почне да ткаје, не е добро другите да ја прашуваат: *"са работе арно?"*, бидејќи по таквото прашање може веднаш тука да се створи ѓаволот и да ја *замрси* работата. Ако некој во шала кажува: *"Как, как, сă кине, са кубе!"* Ткајачката обично му одговара: *"Изиќут да си прајадиш, таков лаф да не прагувориш!"* – или: *"Изиќут да си прагризиш, ка (како) пугуди!"* [ТГ,364].

прагăрле pf , в. **прагăрне** ~ *вујковците му, ка чуле, му рекле: "Пош не бре дете, при мајка та!" И пушле. Ка си прагăрле, сите на местото умреле* [V,PM,270].

прагăрне (са)* pf 'зеде во прегратка, гушне' ~ *рекла: "братјата ми тука седат, ки чекам тува". Почекала. Дошле братјата и, им рекла: "Јазе ви сум сестра". Тоги са прагарнала сус сите* [V,PM,269]; ~ *она му рекла , куту как шо било. Тоги момата и детто а прагăрнале и рекле: "Ти си нашта мајка!" Си свалиле капите* (погрешно пишува: 'камите'), *косата да му виде* [V,PM,268]; и: **прăгăрне*** ~ *и́де адúн дéн тóо дéтто, крăдéјќи, крáдéјќи гу-фáќе, гу фáќе. Кá о-фăтúла дéтто, бáбăта сă-ј-пăрдéла. И дéтто кăжáло: "А бáбо, кá пăрднá мă-рудú". "У, сúне, сúне", гу-прăгăрнáла и н'о пýште дă-с-јóде* [ПК,-2(207)].

прадаве* impf 'кога еден отстапува нешто на друг' – кога невестата ја изведуваат од татковата куќа тоа го прават браќата нејзини (или

најблиски роднини), тие ја прат ат до половина пат а потоа ја *прадаваат* (и *теслимат)* на браќа од младоженецот, или на мажи од неговите сестри [ТГ,276].

пр'а́дна adj, m (f) 'нешто што е напред, пред другите' (со формата за женски род: **пр'а́дна** се покрива и машкиот, што упатува, како и другите слични примери, дека категоријата род во овие говори не функционира нормално) [MS,s,87].

праз m, bot. Allium porrum **1.** 'градинарска култура, слична на лук'; **2.** изр.: **нӑ-пра́зо во́ота ќи-ми-се́че** (= знам дека не може ништо да ми стори) ~ *шо́ ќи-му сă-бо́м, дă-не нӑ-пра́зо во́ота ќи-ми-се́че* [ПК,2-(185)].

праземе* pf 'одземе нешто насилно' ~ *тоги Април отиде, му кажа на орачут: "Така, така, риче, они сакат да ти праземат бирикетут, колко една инка шо бере да ти остават"* [V,PM,295]; спроти празникот *Мартинци* има обичај домаќинот на куќата да заколе кокошка и со нејзината глава да испише крвав крст над главната врата (портата). Потоа домаќинката зема и става во *ирамот* (волнена престилка) бело просо, не гледајќи колку ќе земе и со него *праСејве* (растура, фрла) околу куќата, зборувајќи: *"Кога душмајне воја просо ду зрно ки гу суберат, тоги и нашут касмет да гу праземат!"*. Овие зборови ги повторува вртејќи околу куќата, оборот и бавчата [ТГ,16]; уште едно празноверие: спроти празникот *Ѓурѓовдин* може некоја лоша жена од туѓата стока со магии да го *праземе максулут* (= млекото, маслото, сирењето). Тоа го прави на полноќ – *у никује доба*, кога се доближува до туѓата стока, меѓутоа тоа може да го прави само жена која веќе *прајасала* (= престанала да раѓа) [ТГ,66].

празимуве* impf 'кога нешто се презема од еден кај друг' – кога ќе ја изведат од дома младата невеста нејзините браќа (или блиски роднини) ја предаваат на браќата (или роднините) од младоженецот и тогаш кога ја *празимуват* невестата поново се простува со деверите (тие што го воделе коњот), а потоа со родителите и роднините [ТГ,182].

празин*(< 'празен' – со редукција) adj **1.**'одреден простор во кој нема ништо'; орр. на 'полн' ~ *напкун оди сестра ми да искари кабаницата да вичерами – типцијата празна!* [МС(В),92]; ~ *кắнту* (простор покрај огништето за одмарање) *і пра́зин* [ПсС(З)64]; ~ *да идиш на цар'у, да му тераш четиријси мулита и четиријси чифта хорали празни* [V,PM,43]; ~ *кузум, браче Ристо, ного ти са мол'ам:[клајне да му чиниш,[мắчин помин пуминувум,[ни на леб сум ни на вода; [куќа празна растурена;[нема никој кој да пите,[жива ли сум ил умрена* [ТГ,265]; ~ *и пути́р'у и гу спи́ва, гу устáв'ă пра́зин* [MS,t-,21]; ~ *и като́ оти́де при одáта, чјудеше́ са ка́к да пра́ви за́ одáта, о́ти ко́жета не мо́же пра́зна да но́си. Аку да е напắлни, ка́к што́ е однесе́?* [V,PM,262]; ~ *и гу утфа́р'а, ш'то́ да ви́ди? пра́зин дула́п* [MS,t,9]; ~ *пра́зна ка́шта* (= куќа во која нема жители) [MS,s,88]; ~ *тăка́ рӑбо́таа уф-Со́фја, о́ни гу-рӑбо́таа. Ни́а шо-би́ме мумури́ј* (девојки) *таквы́, ги рӑзно́сăхме на-дру́го ме́сто. Се́кој бару́т пу-бắшка́ гу-де́л'ăхме. Е, ги́лsи му-ви́каа на-куриу́мут, нӑ-пра́зн'о курищу́м* [ПК,2(Иц-284)]; **2.** 'без ништо' ~ *и хи́тра Пе́три и*

з'ёл хо́ртумáта и си утúди прáзин сăс т'ăх [MS,t,75]; ~ *оттамо гранчаринот што да стори? Гу беши страм да пој у дома празин, отиде да товари вјајки от гората* [V,PM,230]; ~ *и тој зема пушката, отишел на полето да лови. Лов не доби, празин си вăрна дома. Мајка му му речи: "Иl'у сину, тој занаат останалу от башта ти, ти да го зафатиш!"* [V,PM,170]; ~ *амá дójдух тук на кумш'ýјата кýч'ąту м'ą забирá, гу лупáх идúн ч'анáк у главáта да си дójдух прáзин думá* [MS,t,30]; – масата (трапезата) е исто така *празна*, ако околу неа нема наседнато луѓе: кога ручекот е готов, домаќинката обично гласно ќе викне: "*Ајде, рачокут е азăр*", ако домаќинот не може веднаш да дојде, тогаш софрата не се поставува *за да не чеке празна* [ТГ,288]; или: кога софрата се тресе не треба да биде празна, т.е. треба да остане некоја корка што ќе падне на земја [ТГ,289]; **3.** 'со неисполнети желби' ~ *га викна: "ела тука, пападика! Што тераш?" – "Ох, царју, јазе што терам, не е за кажувани. Ки да ти кажем". Пак царјут вели: кажи ми, пападика, што тераш, та ако е за чинењи, ки ти кажем как са чини, ако не, пак ки си вăрниш празна"* [V,PM,88]– во текстот вокатив се изразува со номинативната форма (**га викна: "ела тука, пападика! Што тераш?"**); **4.** 'коњ или друг добиток што не е товарен'; **5.**'тој што нема пари и имот' [MS,s,88]; **6.** изр. **сус празни рăци** (сп. обичај: откако ќе се уговори свршувачката свекрвата ја повикува *армасницта* да дојде кај нив *да дипле шејве, даруве* (да ги средува работите), ќе ја пречекаат убаво а на одење ќе ѝ дадат марама полна со овошје и благи работи, зашто не чини *да се испрате сус празни рăци* [ТГ153]; **прáзна глáва** (= човек, односно жена со глупаво однесување) [MS,s,88].

празник m 'ден кога се празнува, односно не се работи, пр. недела или друг ден посветен на светец' ~ *катă ниделjă и катă празник, субăштă ки чинише абер* [МЕ(Р),89]; ~ *на крáнинта дéн на гулéмата уф прáзник, дéка стóиши Исус а викнá, ém и вел'á: Акý ị жéдин нéкој, нéка дójди кри мéн, да нéка пúị. Тó шо верýва на мéн, катý кáк вéл'ат книгити, рéка уф нéговото сăрци ки прилúи вóда за живóт* [MV(K), 262]; ~ *едúн дéн úмаши голéм прáзник. Господáрот вјахнá нá карóцата и утúде на магазúите, гу земá детету, и дојдóха нá дóма. Тогáс извадú керкá му прет нéгу да гу види дéтето, без да знáј нúшту* [V,PM,153]; ~ *вáадăн ej прáзник, диспáднум нă-вóнка и áс дă вúдум бéл свéт* [ПК,2(166)]; – празникот *Мартинци*, уште го викаат и *Вăлков празник*, особено го славаат во планинските села, оние што имаат овци, тие тогаш *нема ни тенко влакно да фатат уд работа* [ТГ17]; ја имаме запишано и фонетската разновидност: **празнúќ** [ПД(Фур)].

празничин* adj 'нешто што се однесува на празник' ~ *и ув мăшкјут и ув женцкјут партал сăл ут шејци, пишин ки бидă минетă ув празничнјут партал* [МЕ(Р),81].

празнóва (сă) impf 'во празничен ден кога не се работи се *празнóва*' [MS,s,88].

прајаде pf, 1. в. **прајадуве** ~ *Кустадине! Ка ки гледум твојте врсници; твојте врсници, твојте другаре? Кого мајка ки прачеке; ки прачеке, ки дучеке? Који ки удмене татко, који ки удмене мајка?*

Кустадине, мили сино! Оти ми са нал'ути сино; си устави мајка и татко, да си јодиш јуф чужди свет, дека никој не та знаје?! Да ти са прајаде лепче који ки ти даде?" [ТГ,263]; **2.** 'прегризе нешто со заби' – ако некој во шала кажува:*"Как, как, сă кине, са кубе!"* Ткајачката обично му одговара: *"Изи́кут да си прајадиш, таков лаф да не прагуворишь!"* – или: *"Изи́кут да си прагризиш, ка (како) пугуди!"* [ТГ,364]; **3.** (**прăја́де**) 'изеде многу, повеќе отколку што е обично' ~ *ури́ге, му-бăрбо́ре куре́мо. Или прăјăдéл или тăка́ и́ма, то ури́ге, му-ви́кăт. Или то сă-прăпи́л, ќи-ури́ге. Герма́нците не́ пăрдéшо, та́а по́вике га мра́зат, та́а ури́гинто* [ПК,2(Грам–240)] – уште еден случај на несоодветна конгруенција: **та́а по́вике га мра́зат, та́а ури́гинто** (именката е од ср. род, а заменката од женски).

прајадуве impf 'присакува да јаде' ~ *"Е што уткраде, кажајте, де!?" – "Ето што: беше еден убув бустан, заграден сус црни тр̀јне. А воја урсус што праве!? Ка му са прајадуве лубеница, и то сношти, пу воја ветар, пу воја сафрагăн* (лошо време) *и не глидаќи ни оти плет има, ни... праскокнуве, флеве уф бустанут и салде една лубаница беше, па и неја ја скинал. Остави да, и сат бустан виран* (упропастен) *гу правил... сè уд крф!"* [ТГ,187] – алегорија на првата брачна ноќ.

прајасина жена f 'жена што престанала да раѓа'; сп. народно верување од Гевгелиско: ако некоја жена работи на празникот *Руса среда* (среда пред *Ѓурѓов-ден*) може да добие рани на главата, ваквите рани можат да се излекуваат само на следниот начин: тој ден *прајасина жена* треба да замеси говедски лајна со просо и кога лајната ќе се исушат да ги изгори и со пепелта да ги посоли раните [ТГ,8].

прак m 'долниот дел на врата (односно на порта)' [MS,s,87].

пракине (са) pf 'се "пресече" (прекине) нешто што е во тек'; сп. верување: – кога е човек на умирачка, кога "испушта душа" не треба гласно да се плаче, зашто е *грота* (или *граота*) *и може душа да му са прекине* (т.е. да се "прекине излегувањето на душата", односно "едната половина да одлета", а другата "да остане") и тогаш агонијата на оној што умира му се продолжува [ТГ,251].

пракован* adj 'нешто на кое има заковано повеќе клинци, во случајот ведро' ~ *Пиринуго, јубава дивојко,[тихо пејиш дилеко се слуше,[чул те уфчар преко три планини,[си јуставил трло неградено,[јуф трло то стадо небрујено,[миќу стадо ведро пракувано,[пракувано, ведро немирено* [ТГ,56].

пракуван појас m 'религиозен, црквенски реквизит'; сп. верување – ако на некоја жена новороденчињата ѝ умираат, таа се обидува да се заштити на тој начин што последното новороденче го *пуминуве низ сребрин пракуван појас;* провлекувањето се врши пред да изгрее сонцето. Како што рековме појасот е своина на црквата и за секое поминување под него се плаќа извесна мала сума – *за лек да фате.* Овој појас уште го викаат *сребрин вениц.* Освен со споменатово провлекување, некои родители се обидуваат да се заштитат со тоа што на децата им даваат симболични имиња: *Трајан, Трајанка* и сл., други на капата на децата ќе им обесат различни *ајмалии, близнак трн, сребрен крст, дрвце од Христовиот крст* [ТГ,120].

праклѝне pf 'стави под клетва, заколне' ~ *на дедо Госпуд криво му падна и тоги праклѝна: "Уд сега и дејна и ноќа да работиш, и ка ќи дуработиш па пуд мишка рабутенто да си гу земиш"* [ТГ,365]; ~ *ето ти го и Ристос ке замине: "Даскале!", риче- а, "воа жито ти са молиме да го праклѝниш, да са угорче!"* [V,PM,294]; ~ *јас кога бах, млад Стујане,[мала и малечка,[мала ем малечка, Стујан,[јуф бели пилени,[мајка мен ме л'ул'е, Стујан,[јазе се си плакум,[тоги мајка мен ме, Стојан,[л'уто праклѝнала,[л'уто ме праклѝна, Стојан,[песна ми пејаќи* [ТГ,200]; – тој што кумот го држал гол в раце при крштевката, тој мора многу да внимава да не го навреди кумот, зашто ако кумот го *праклѝне, "не можат ни три владици да му пуможат"* [ТГ,308].

праклѝнувајне n 'кога се искажува тешка клетва' ~ *и црева са баре карат, а кам да са не карме ниja;* во таквите моменти мажите се служат со непристојни зборови – *псујајне,* а жените со *клѝнајне* и *праклѝнувајне;* изразот низ клетви е многу богат: *Чума да та удре!; – Да та тресне, да та млѝсне!; – Да та здрве!; – Земја да не та дексе!;* (земјата да не те прими, да те исфрли); – *Бол'ка да та сутрије!; – Црве да вариш* (да имаш рани со црви); – *Уф рблак да сер...* (да бидеш неподвижен, под себе да одиш по голема нужда); – *Просјаци да водиш!* (членовите на семејството да ти се просјаци); – *Вилигдин да не дучекиш!* (да умреш пред да дојде Велигден); – *Каман и дрво да са чиниш!* (да се здрвиш, да се парализираш); – *Уд Бога да најдеш!* (Господ да те казни); – *Госпут да те сфате, магаре уф куќи да не ти рикне!* (да ти замре домашното стопанство); – *Кукумавки да ти на главата кукат!* (кукумјавка = утка, симбол на зло); – *Дома да не си умриш!* (да умреш далеку од своите); – *Чафки да ти очи чопкат!* (да умреш далеку од своите, да нема кој очите да ти ги затвори); – *Врата да ти се сус црна врба затворе!* (смртта да господари во твојата куќа); – *Стрела да те згоде!* (да те удри гром); – *Далак да те убие!; – Изиќут да-т са-фате!* (да не можеш да зборуваш); – *Сус црно да са пукрижиш!* (црно се носи кога ќе почине некој близок); – *Куту куче да избиснежиш!* (да те касне бесно куче, односно да се разболиш од беснило); – *Да питиш да са раниш!* (да просиш за да се прехраниш); – *Да немиш чиница да ти се раздаве; свеќа да ти са запале!* (да бидеш сосема беден, да немаш ништо); – *Да та пилиносе!* (да те отруе – растението *пелин* е многу горчливо); – *Коран да не устане ут тебе!* (да немаш потомство); – *Гроб да не ти са знае дека ти е!* (да умреш без никој од своите); – *Кучијна да та кубат!* (да останеш сам и крајно немоќен за да не можеш да се одбраниш од кучиња); – *Гора да фатиш, дома да не си дојдиш!* (да го изгубиш разумот); – *Огин да те изгоре, пепал да не устане ут тебе!* (да ти се изгуби трагата); – *Црна земја да та глѝтне!* (да исчезнеш, да умреш); – *Рѝци и нози да ти са фатат!* (да се парализираш); со исто значење: – *Да ти се исуше и рѝка и нога; – Да не усимниш!* (да не се пробудиш од сон, да умреш додека спиеш); – *Куту вол да рикиш, па така душа да дадиш!* (да имаш тешка и мачна смрт); – *Превул да те скапе!* (глад да те сотре) [ТГ,320].

пралепе pf 'прицврсти едно со друго со помош на лепило', fig. 'придружи' – девојките кога излегуваат од дома обично се во друштво со некој роднина, но по пат секако ќе им се **пралепе** некој младич [ТГ,323].

пралигато adv 'кога нешто одговара, кога е погодно' ~ *Госпуди Боже, и свита Бугуројцо... и ти Свити Ѓорѓе сус златин мăздрак (коње)... ако са вија măки зарди некуј негув грех, сите ви са мол'ме, да гу простите и да гу куртулисите, и ако е ваш, ако е на вас пралигато, си гу зимајте... Ако са măче зарди чуждu греуве, нека са прасече концут* [ТГ,284] – независно што заповедта е во блага форма, сепак прави впечаток дека кратките заменски форми доаѓаат пред глаголот (*си гу зимајте...*), што не е обично за стандардниот јазик.

праличе impf 'одговара, личи' — свадбата заправо почнува в сабота навечер, кога ќе дојдат *тапајне* (тапан и зурла) и ќе почнат да свират, а младите да играат. Штом ќе удри *тапăн* тогаш ќе речат: *"Ха, сај-и било свадба, брej... Е, сега праличе, умјасе на свадба... Свадба биз тапајне, црква биз поп! Свадба биз тапајне ни пет пари не чине. На свадбата душа даве тапăн"* [ТГ,168]; в. прил'ага.

праматар m 1. **в. праматáрин** ~ *тój чувéк шó óде пу-сéлта дă-прудáве ситнéже: муни́ста, и́гли, купчи́на, прăстăнчта, ластика, буи́ и др.* [ПК,2(89)] – во текстот имаме присуство на архаичната множинска наставка за с. род **-ета: прăстăнчта**; ~ *е, сă-кăчи́л тáмка нă-дăрвуто и-тăкá зéл дă-вăрне дош. А-пă-нéкуј чувéци тáм, шо-имáло бăкáле, прăмăтáре, дă-кáжăме, сè си-удделе тáмка пут-то дăрвуто, дă-не-ги-вăрне дóш* [ПД,162]; **2.** 'прекупец (во случајот на риби)': пристигнува коработ со риба (на брегот на Дојранското Езро) и го заобиколуваат **праматарите**... го прашуваат рибарот колку бара (за рибите) [КД,60]; и: **пăрмăтáр**.

праматија (или: праматарски еспап) f – во минатото пред да се постави граница меѓу Вардарска и Егејска Македонија главниот трговски центар бил Солун, *кираџиите* таму носеле жито, вино, сусам, памук, ќумур, даски и др., а назад враќале *праматија*: *басма, платно, шамии, кавраци, гајтани, ширити, разни накити (гривни, прстени, обетки и др.)* [ТГ,414]; ~ *му рекăл на син мо: "Товари един товар праматиа, оди продави на тоа село! На вечарта оди на госте на тоа човек и гледи да го кандисаш, да заколе кокошката, да да и́ изедиш главата и сăрцето!"* [V,P-M,274].

праматáрин m 'трговец што продава ситни работи по селата' ~ *А пу́сна на праматáрину да ку́пи ч'итирúјси индиз'áнта кáбути* [MS,t,52]; в. **праматар**.

праматарлăк m 'ситни работи што се продаваат за домаќинството: конци, игли, копчиња, тантели и сл.' ~ *ги прудáва и камúлиту и си утфáра идúн дуѓáн, éм бакалăк éм праматарлăк* [MS,t,14].

прамира (и: **прăмúре**) pf **1.** 'паѓа во бессознание, како да умира' ~ *умúре и пăк ужúвуве; тăкá прáве Вáнѓа шó-j уф-Пéтрич, óна прăмúре и ин "сă-кăжýве Гóспо", óна "гувóре ус-нéго", а сéтне ин-кăжýве нă-чувéцте шó ќи-м-сă-дéсе* [ПК,-2(89)]; слично е објаснувањето и кај Тановиќ од Гевгели; сп. верување: народот верува дека ако некој неизмиен почне да јаде,

или ако жената неизмиена почне да меси, тогаш треба да се очекува сиромаштија и дека наскоро во таа куќа луѓето ќе *прамират* од глад [ТГ,18] – во контекстот е присутен лексичкиот архаизам: **сă-дéсе** (= се случи), ова единица ја немаме регистрирано во другите говори, а ретко се среќава воопшто во словенските јазици; сп. во српскиот; **2.** 'кога некој, обично жена се преправа дека се онесвестила' ~ *нóго знáа óна дă-прăмúре, áк нé-ú-ėj нéшто пу-ą̀тăро, дýр дă-вúјш прăмрéла;* **3.** "умира од страв" ~ *амáн брé, шó мă-исплăшú, прăмрéх* [ПК,2(89)].

пра́н m, bot 'вид печурка, расте на дрвјата, обично на црница, се употребува за палење оган со кремен и огнило' [ПД(123)]; и: **пра́м** [ПГ(Фур)]; ~ *нéкуј ú-вúкат прáна. Сă-вáде уддăрвата, сă-вáре, ус-н'áа сă-пáле ус-чăкмák óгин, фăрле úскри и ќи-сзапáле* [ПК,2(87)]; в. **правун**.

праоде pf 'кога малото дете ќе почне да оди мајка му ќе замеси **пугача** и откако ќе ја испече, им испраќа на соседите по едно парче, зборувајќи: ~ *Јован (или Ристо, или...) прауди и ви пуштуве пунуда да дојдите да гу видите*'. Тој што ќе го прими парчето погача ќе каже: ~ *Госпуд да му даде здраве и касмет и гулем да пурасне!* По месец или два, откако ќе почне да оди мајка му му пее: *Баш, баш куни!* (= раце),*[мама даде зиза* (= цицка),*[тате даде бобо* (= бонбони),*[Кој ќи руче? – Милена ќи руче* [ТГ,118]; потоа *му са сече сопка.* Овој обичај се состои во следното: со парче конот ќе му врзат двете нозе на детето и ќе го пуштат да оди, се разбира тоа ќе падне и во тој момент некој од домашните ќе го пресече конапот, а друг во исто време ќе истури вода со зборовите: "*Куту вода брз да биде!*" [ТГ,122].

прапаше pf 'си ја стегне со појас половината' ~ "*Богме Митро, ќучук Митро,[не сам нашал срма кулан,[ако најдех па те лăжум,[куту него да са чинум,[на твој појис да си лежум,[тенка снага да прапашум*" [ТГ,371].

прапее* (и: **прăпее**) pf **1.** 'почна да пее' ~ *станах уф зори (прад зори), питлијнта кога прапијаја* [ТГ,11]; **2.**'кога младо петле ќе почне да кукурика'; верување: петлињата не смеат да се колат се додека не *прапејат, зашто не е арно* [ТГ,403].

прапејвајне n 'плачење и редење над новиот гроб, особено пред да го закопат мртовецот'. *Прапејвајнето* може да биде *арно,* кога некоја жена умее убаво да пее и да ги реде добрите страни на покојникот и неговите маки, уште ги споменува оние што ги остава зад себе и сл. Сп.: ~ *Кустадине, мили сино! Мајка ка ки те забраве! Много ми си малечук сино. Кој ки ми те гледе, кои ки ми те чуве? Мајка да знајше, Кустадине, уф пазви ки ти скријше. Уд неја не та удделувише* [ТГ,263] – употреба на личната заменка (за директен објект) **неја** м. повратната 'себе': **уф пазви ки ти скријше. Уд неја не та удделувише.**

прапише pf 'кога старите својот имот, или дел од имотот со документ го оставаат во наследство на некој од потомците', по правило е така, поретко може да го *прапишат* и на некој што не е член на семејството, но тој ќе ја земе грижата да ги чува старите [ТГ,292].

праплашуве* impf 'прави некој да доживее страв'; сп. кога на коњот ќе му се појават на градите дебели и тврди

жлезди; го лекуваат на тој начин што под раната ќе подметнат керамида со барут што ќе го запалат, и ќе ја опрлат раната, на тој начин болеста ја **праплашуват** и таа ќе се повлече – суеверие [ТГ,389].

праработуве* impf 'работи по малку, неусилено' – празникот *Св. Сава* не е многу тежок празник, сепак жените го празнуваат и ништо не работат, додека мажите **праработуват**, т.е. привршуваат некои започнати работи [ТГ,78].

прасаде pf 'кога дрво, обично овошје ќе се извади од едно и ќе се сади на друго место' (во дупката покрај коренот на дрвото се истура малку јачмен за да се подобри почвата) [ТГ,350].

Прáсека top. 'преод в планина, погодно за поминување, пресек'; сп. стсл. **прѣсѣкъ** [ЈИ,Ми..., 178].

прáсе n, zool. **1.**'малото од свиња' [ПГ-(Фур)]; и: **прáс'ą** 'свиња'; сп. **тóпику прáс'ą** 'домашна свиња', **дúва прáфч'ą** 'диви свињи' [MS,s,88]; ~ *елбет су то пусат они шу гу имиа тогај: пушки криминлиј или су капцули... можиа сăл да-ј заплашат на дивите прасијна* [МЕ(Р),77]; ~ *да ут тáмо бéши далéку, бил'ýк práси пасéле. Па лошутúата уф них, си мóлиа на нéго, ем вéлеа: Аку ни извáдиш на нáс ут вúи, пóвели на нáс да си хóдиме на бил'ýкут уф práсити* [MV(K)265] – во контекстот имаме случаи со проширена употреба на множинската наставка **-и** (на тоа имаме укажано и порано) кај именките од с. род: **праси**; за односнава појава коментар немаме сретнато, ни се чини дека може да се допушти позајмен образец; за ова в. во граматичкиот дел; ~ *тогај женáта му му вели: "и за това кахăр береш, мăжу! Јазе довечера за гу закол'а прасинто, што имами на будрумо, да извадја сăрцето, да му гу занисеш на нас увреинот"* [V,PM-,193]; кај Тановиќ (од Гевгелиско): – младото од свињата во првата година се вика *прасе* или *бишинце*, кога ќе порасне машкото се вика *нерец*, а женското *бишка* или *прасица* [ТГ,374]; **2.** изр. **црно прасе пу рит пасе** – загатка (одговор: брич) [ТГ,290]; сп. архаична множинска форма: *прáхчýлчента* [ПсС(З),69].

прасече (и: **прăсéче**) pf **1.** 'со притисок од нешто остро (пр. со нож, ножица или секира) оддели работи едно од друго што биле заедно'; **2.** 'го прекина текот на нешто', пр. ако пороѓајот се одвива тешко тогаш се мисли дека некој *со лошо око* ја видел породилката и го *пресекал* пороѓајот [ТГ,105]; 3. изр.: **ричé и прăсичé** ~ *шо ќи-кáже, лáфо не гу вăрúне нăсăт. Ќи-кáже и ќинăпрáве, лáфо-мо-ј, нéма шо тýк* [ПК,2(191)]; **мă-прăсичé** (= ме исплаши, занемев) ~ *кá о-видéх óт ми нóсе тилигрáма, мă прăсичé нéшто* [ПК2(179)]; **нека са прасече концут** 'нека се прекине животната нишка' – дел од прошталната молитва ~ *Госпуди Боже, и свита Бугуројцо... ако са вија măки зарди некуј негув грех, сите ви са мол'ме, да гу простите... А ко са măче зарди чужди греуве, нека са прасече концут, нека прастанат вија бол'ки* [ТГ,284]; **жилите му са прасечеа** 'се кажува кога некој ќе стане многу немоќен', сп. верување: кога платното што е исткаено треба да се сече, не е препорачливо да биде присутна машка особа, бидејќи **жилите ќе му са прасечат** [ТГ,364] – суеверие.

прасúца f, zool. 'свиња што има прасиња' [ЛС(К),100].

пра́ске impf 'крши' ~ *гле́ј ка́-ј пра́ске гра́нките ут-то́о зла́тно дрӑфце* [ПК,2(87)].

пра́скӑва f, bot. Prunus persica 'вид овошје, дава убави сочни плодови, праска' [ПК,2(87)]; сп. **пра́скӑви́ца** [ПД(130)].

пр'аскокни* (и: **прӑско́кне**) pf **1.** 'се префрли со скок од едно на друго место' ~ *му отговори: "зашто сам бäрзоходец та, аку немам тиа камени вäрзани аф ногите ми, можи да да пристäпнам, от крај до крај да пр'аскокнам"* [V,PM,44] – во текстот среќаваме проширена употреба на предлогот аф (во) наместо 'за': **тиа камени вäрзани аф ногите ми** – за ова поопширно во граматичкиот дел; ~ *"е́, сéга – им ричéла лисúцта – знáм óти сúте сте гулéми јунáци, áма дă-нäвáл'ме ăдúн гулéм óјгин и дă-ви́дме кój ќ-о-прӑско́кне". Нäвăлúли óјгин и лисúцта пишúн фă̆рц-скукнáла и пу нé: ăдúн пу-ăдúн сúте вă̆лци* [ВК(Пат),287]; **2.** 'се измести, се придвижи преку нешто' ~ *ка́ óде жé:нта, јăбýлкăта си-ј дúге гра́нуфто, тáа нă-мóж дă-фáте, дă-скúне. "Сéч-гă цáро тáа јăбýлкăта". Га-сичýве, árно áма чукáјќи, ка́ а сичувáл, дă̆рвуто пă̆рскáл, дувáро прӑскукнáл нéкаа трéскичка уд-јáбýлкăта* [ПК-,2(Крец–300)].

праскокнуве impf, в. **пр'аскокни** ~ *А воја урсус што праве!? Ка му са прајадуве лубеница, и то сношти, пу воја ветар, пу воја сафрагăн* (лошо време) *и не глидаќи ни оти плет има, ни... праскокнуве, флеве уф бустанут* [ТГ,187].

пра́скӑви́ца f, bot., Prunus persica 'вид овошје' (дрво и плод) (Ник), во Пат: **пра́скува** [ПД(130)]; в. **пра́скӑва**.

Пра́слоп top. 'мало село во Чеч, Драмско – ниско место, длабнатина, погодно за поминување', сп. стсл. **прѣслопъ** [ЈИ,Ми...,179].

прастане pf 1. 'даде согласност' ~ *Сечко ка чујуве, му паднало криво, па си утиде пра Баба марта и фати да и са моле да му пузаиме три дни он да владеје. Едно марта прастана и кандиса* (погрешно пишува: *'кандисак'*). [ТГ,13]; ~ *поп куту секуј поп, му веле: Не знам оти нема Св. Стујан, ама, ако сакаш, дај ми една овца па да ти клам едно име, што го пише уф сите калиндаре. Тоа прастанал на ваја работа, дунесуве една овца и дубијве име Јован* [ТГ,26]; и: **прӑста́не*** ~ *"Ут-ка́ ки-гу-изл'ӑку́виш дéтто, цáро ки-нéма мéсто дéк дă-тă-тýре тéбе. Ки-ти-дáве и пулви́нта цáрсво, ки-ти-дáве, нäпримéр, една укóл'а, ти-да:-кумáндувиш. Ти нéма, рă̆чé дă прӑстáниш, ти-ки-му-сáкиш нă-нéго злáтнио пäмпóр"* [ПД,148]; **2.** 'прекине, престане нешто' ~ *Господи Боже, и свита Бугуројцо... сите ви са мол'ме, да гу простите. Ако са мă̈че зарди чужди греуве, нека са прасече концут, нека прастанат вија бол'ки* [ТГ,284].

прӑстрете* pf 'наиде на некого' ~ *поизгоре отиде, гу прӑстрите Сечко и му риче: "Поможи Бог, ќаа!" – "Дај Бо добро! Ут дека ма знаиш, от сум ќаа?" – "Ти имише, риче, девит ил'ади офци, јас флизех, ти утипах три ил'ади"* [V,PM,293]; ~ *гу фатил и него, гу тепал, тепал, гу тиснал уф един дол. Па си поводел офцата, па си кинисал. Ет-ти го Мартин гу прӑстрител, му рекал: "Поможи Бог, ќаа!"* [V,PM,293].

прасукуве* impf 'со вртење на вретеното повеќе нишки става една со друга'; сп. жените наесен кога

одат в поле на работа по пат *прасукуват куприна* (= од свилената буба извлекуваат *свилени, купринни нишки*) [ТГ,287].

прати pf 1.'ангажира човек да оди некаде за да сврши некоја работа' ~ *прати еди́н човек не́гов па́к да ги земи џифарџи́ите, да ги са́ди по́фтор* [V,PM,9]; ~ *де́сет кора́би, ги напӑлни́ сто́ка, му дадо́ и еди́н прӑв гимџија и гу прати да гу продадо́ онова́ има́ни и да си вӑрни nasа́т* [V,PM,13]; ~ *маштеа хи, като видела толко руба, каскандисала и утринта, като ја научила, у-де хи ја, пратила сојата си дӑштерја да пасе оловето и хи порачала, да идјӑ на нози мјасто* [V,PM,286]; ~ *са глави́х аф еди́н базирга́нин, ко́јто ме прати́ да му бе́рам верисе́нта* [V,PM,22]; **2.** 'даде нешто со порака да биде однесено некаде, односно предадено некому' ~ *варзала писмото на гӑлӑбни крили и гу прати на татка и* [V,PM,63] – уште еден случај за проширената употреба на множинската наставка **-и** кај именки од ср. род: **гӑлӑбни крили**; ~ *му вели: "нели прати ти една книга на твојта л'уба да пала една мома на Танковата ишкија и да е прилика на неја?"* [MC(B),94]; **3.** изр. **прати хабар** (= извести за нешто) ~ *кога приблизила ду градо, де живел мӑжо хи, пратила хабар, кунак у него да хи такмет. Граѓането сӑ ч'удили, как таков царски ч'ул'ак шта кондиса в такавӑ кӑштӑ* [V,PM,282]; ~ *ни́а не́ ти чи́ними ни́шту на те́бика, л'у ки пра́тими хабе́р на та́тко ти, да ни пра́ти па́ра* [V,PM,26].

пратогир m 'во минатото тој што го известувал населението за некои важни настани, освен тоа тој одржувал ред кога биле собрани селаните сред село за некој празник' [ТГ,279]

пратока f, bot. 'име на билка, ја викаат и *кркл'а*' – семето од оваа билка служи како лек кога човек не може да оди по мала нужда (кога не може да мокри); семето од споменатава билка се вари и болниот ја пие како чај. Истиот "лек" се користи и кај болните животни [ТГ,244].

пратока f – кога се вари ракија првата (ракија) што ќе **пратече** (таа е најлута) се вика **пратока** [ТГ,287].

праточе pf 'за виното се вика дека ќе се **праточе**, кога ќе се префрли од **куритто** каде што било ставено грозјето во буре, **уф куритто** ќе остане **кумијна** од која се вари ракија' [ТГ,355].

праѓу́ва impf '(ис)праќа некого да оди некаде', в. **прати** ~ *"Милу́вам да̣-нау́чиш, ви́ка, и-а́с да̣-сви́ра̣м". Ви́ка̣: "Имаш пари?" "Имам, ви́ка, дв'а́ста дина́ра̣". Му-и-да́л. Го̣-у́чи то́ј зана́ето. Се ва̣рну́ва̣т. То́ј-е печа̣ли́л то́лку па́ри, то́ј то́лку. То́ј н'а́ма ни́што. До́бро. Дру́га̣та го̣ди́на, па́ ги-пра̣ту́ва̣* [ЛС(К),124]; ~ *о́н седну́ва̣, и́стиа̣ ра̣ко̣пи́с. Пи́ше дру́го̣ пи́смо. "Тва́ д'а́те ви-го̣-пра̣ту́ва̣м, ка́ ќи-до́јди, да̣ не-ме че́кати, да̣ до́јда̣м, мо́ш да̣-зако̣сне́а̣м (а̣-о́н по̣-ц'а́л м'а́сац не-се-ва̣рну́ва̣л, по̣-дв'а́, три́), за̣-по́ма́лка̣та ќе́рка̣ да̣-га̣-же́нити* [ЛС(К),125].

праубиде* pf 'посети (повторно)' ~ *удеки и аскерут дујде. Царувут зет му веле на шура мо: "Ад да поручиме, да напкум кӑ са удриме!". Са наручаа. "Сидејте виа тука!", риче царувут зет, "да јас ќ-одум да и праубидум!"* [V,PM,296] – кратката заменска форма за дат. предмет **мо** место 'му' не е печатна грешка.

праўтка f 'ситни прашинки од кожа

под косата на човек – првот' [ЛС(К),97].

пра́ф (< прави) – императив (2 л. едн.) ~ *му вили́: "јáла да гу извáдими и синдýку, ут-тáм с'éтн'а ш'ту úш'тиш' прáф!"* [MS,t,11].

прафате pf 1. 'преземе нешто од некој друг, но за кусо време'; 2. – **(се)** 'се пренесе болест од еден на друг' – пр. некои кожни болести, сп. верување: *лошата краста* (или *жлáта рана)* може да се *нафрле* на некој друг, тоа се прави така: ќе се земе некоја крушка со која ќе се натрие раната и кога никој не гледа крушката ќе се фрли на улица со зборовите: *"Кој ки а земе, кој ки а апне, на него рани, на мене здраве!"*. Меѓутоа, тој што ќе ја најде крушката, ако се сети дека е *нафрлено,* ќе ја фрли крушката и ќе рече: *"там да му устане"*, по овие зборови раните не можат да се префрлат, т.е. нема да *се прафатат* кај здравиот [ТГ,234] – се разбира ваквите суеверни постапки во поново време ретко се практикуваат.

прафашќе impf 1.'кога болеста оди од еден на друг човек' – народот верува и знае дека болеста *чума са прафашќе* затоа контактите со болниот се сведени, односно биле сведени, на нула, пр. ако треба да се земе пари од некој што има чума парите треба прво да се стават во оцет, а потоа да се земат. За тоа како некогаш се пренесла чумата постои ваква легенда: некој татко продал жито во Солун, кога се вратил парите ги предал на ќерка му, тој умрел, а наскоро умрела и ќерка му. Луѓето не знаеле од што умреле, а наскоро се заразиле и роднините и комшиите. За тој случај постои и песна во Гевгелиско, а може да се слушне и клетвата: *"Чума да те згоде!"*, *"Чума да те удре – лек да не најдиш"* [ТГ,241]; 2. 'се остварува, се реализира' – се верува дека оној што е проколнат од родителите нема да помине добро, дури се верува дека ако него *клетвата не ки гу фате,* таа ќе ги стигне неговите деца или внуци, па макар тоа било и *уф дивето кулено.* Исто така е тешка и *прафашќе* и клетвата од кумот.

прафтју m 'израз со негативна конотација' ~ *гу викна нивјастата му и му вели: "за тебика ми зема, да ти питам, или за това стар прафтју?" Тојнака га вели: "как? Јазика за мени ти земах, а не за друг". – "Е мадам така е, и јазика за тебика дојдох. Не чинам кабул, тој стар прафтју да ми намига сос окоту и да ми маха сос главата"* [V,PM,78] – според Ст. Романски: **прафтју** < 'прăфтју' = *прăхтjо,* тој што *прăхти* [V,PM,557].

прафчар m 'човек што чува, односно пасе свињи' ~ *да ут тáмо бéши далéку, бил'ýк práси пасéле... ем вéлеа: Акý ни извáдиш на нáс ут вúи, пóвели на нáс да си хóдиме на бил'ýкут уф práсити. Да рéкал на нúх: Удéјтисте... Ká утúшле уф práсите, си тăрчáло сáто бил'ýк уф мóрито... Па прафчáрити си бигáле уф грáдут* [MV(K),265] – веќе зборувавме за проширената употреба на множинската наставка **–и** кај именки од среден род: **бил'ýк práси пасéле**; ~ *да ка испаднáле дјáволити ут човéкут, флéгле уф práфцити; и ирудúса бил'ýкут на дóло уф блáтуту, и си удавúле. Ка и видéле прафчáрити шо си чинú такá, си бигáле, и си утúдуа, си кажáа уф грáт* [MV(K),275].

прафч'ýлч'а n, zool. dem. 'малото од свиња, прасе' [MS,s,87].

пра́фцом adv 'исправено' ~ *óна зé јатагáнăт и сидná узáт у-палхúрăт да-чéка. Тóкмо у-полýнош пал-*

хи́рăт фати́ да-тро́пка, и мо́мата дигна́ јатага́нăт и застана́ пра́фцом [ВЛ(Aj),338].

прах m 'ситни честички, прашина' ~ *ґу́птино намéсто ка́мăн искара́л еднó па́рче си́рне и гу-стисна́л. И уд-нéго и́стина пртичéла вóда. И змéо земáл еди́н ка́мăн, гу-стисна́л, тóа са-направи́л пра́х* [ВГ(М),272].

пра́хин m, bot. Fomes fomentarius 'печурка што расте на дрво, трат' [MS,s,87]; в. **правýн** и **пран**.

прачесте pf 'кога верникот, откако ќе го истера постот оди в црква (кога е празник) и свештеникот со лажиче му дава пречиста: малу винце и *нафура* (= залче леб над кој попот пеел)'; сп. – наутро рано на празникот *Бужи́ќ* мајката ги кори децата да се кренат за да одат в црква: *"Ајде, стани, сино! Дедо Бужи́ќ дујде. А јде, уф цркви ки јодме да гу видме, да на прачесте!"* **[ТГ,85]**.

прачуе (се)* pf 'се дознае, се рашири глас' ~ *се прачула мома јубавица, лелем,[она курдисала сред-село мијана,[дека се берат Турци ем кауре,[вино си прудаве с чаша мириница,[– каул курдисала мома јубавица,[који ки испије чаша мириница,[тоа ки ја земе мома јубавица* **[ТГ,198]**.

праша* impf 1.'кога некој поставува прашање, т.е. сака нешто да дознае' ~ *като вăрвјала, пошла при дваминăта брата, што сă карали за лозăтă, прашила ги, защото сă карат? Тија хи казали: "Защото ни можеме да разделиме лозăтă"* [V,PM,282]; ~ *от там пошла на воденицăтă, што ни можала да млејă. Прашила ги, защото не млејă Тија хи рекли: "Не знаеме, братко"* [V,PM,282]; ~ *овчаро утишел в градо, от де бил тој, и с питане нашел кăштăтă му. Дур ега сă вејке смрăчило, хлопал на портите му, и, като изл'езла ступаницата прашила, кој хлопа на порти* [V,PM,280]; **2.** – **(си)** 'се допрашува, се советува' ~ *пóп на-ọнóа вр'áме кọмáнда. От-пóпо си-прáшали. Амạ и́тар, мýдар, нацăрквạтạ кóгạ óдат ви́кạ: "Дрáги сел'áни, ќи-си-пọмóлими на-Гóспо, нọгу сýша-и, ви́кạ... áмạ сéлọтọ дạби́ди слóжнọ"* [ЛС(К),119].

праше impf 'кога некој работи на второ, површинско окопување на земјоделски култури, пр. на *чиничка* = пченка, *бубаќ* (памук), *бустан* и сл.' **[ТГ,136]**.

праши pf 'фати, допре' ~ *мајка и била млого лична и млого хубава, и толко ја милуваши момата, што то не даваши на некој да ја праши. Дојде времја, момата си беши станала до петнајси година: беши станала от мајка и по-лична* [V,PM,213].

пра́шка f 'мало парченце од дрво, раска' ~ *кăкóф зинќóр чувéк ej, прáшка уф-óчте мо-j дéтто, нéјќе до:-ви́де...*

праш'ла́к m 'камен што се рони, мек камен' [MS,s,88].

пра́шта f **1.** 'примитивна направа од коноп за фрлање камења и сл.' ~ *сúте дéчка си-играáт ус-прáшти, нé-вéл'ат óт ќи-с-сукáпат гл фте;* **2.** ~ *нă-сумáро нă-мăгáрто* (се разбира и на коњот) *и́ма прáшта уд-еднáта и уд-дрý-гта стрáна, дă-мójш сă-кáчиш пóлéсно* [ПК,2(88)] – уште еден случај на употреба на пефективен презент: *дă-мójш сă-кáчиш.*

прашта* impf **1.**'испраќа' ~ *ги глéдаши децáта сос нéговите дéца, ги прáшташи на учúлиштето да си учáт* [V,PM,16]; ~ *една жена си имала сојă дăштерја и другă пак завареницă; нехинăтă си миловала, пак зава-*

реницѝтă бахтала и ја праштала на воденицѝтă да млеjă наштjа [V,PM,287]; ~ *мајка хи сă разбол'ала и ја праштала да хи донесе вода студена. Тја ни ја услушала. Тога мајка хи ја поклела и рекла: "Да сă, керко, по кăштите навăрташ и да сă л'у жалиш, чи ни ма си слушала!"* [V,PM,292]; **2.** 'овозможува некому да оди некаде' ~ *ама тинака как ми велиши на меника: "немам вакăт, немам вредност за да праштам дете на даскал"* [V,PM,38].

пра́ште* impf 'удира, фраска' ~ *кăквú шăмáре ќи-пра́штăт ка́-ќ с-дójш дóма, ќи-вújш áрăнто* [ПК,2(88)].

пре praep 'кај, при' ~ *малој моме дост jубава,[пре ког легниш, пре ког станиш?["Пре мама легнем, пре тате станем"... малој моме, дост jубава,[кој ти jубујве кундур папуци? – "Мама ми jубујве, тате субујве"* [ТГ,370].

преа́пне* pf **1.** **'касне нешто на брзина'**; **2.** изр.: **си прихапна jазикот** (= почувствува голема непријатност) ~ *детето од три дана като беши хванал да мо дава карилак на крал'а, да му отговарjа прелатки збори, да мо вели на кралу, зашто не излези да го сретне, да го брани от псетите. Кога чул крал'у таквиви думи о таков дете, си прихапнал jазикот* [V,PM,244] – во текстот повторно се среќаваме со проширена употреба на множинската наставка **-н** и кај еднослоjни зборови: **збори** м. 'зборови' (**прелатки збори**); односно кај именки од среден род: **псети** м. 'псета' – **да го брани от псетите**; за ова в. поопширно во граматичкиот дел.

Превала top. 'ниско место, погодно за поминување' (Серско–Зилјаховско) [ЈИ,Ми..., 178].

прегазе pf 'помине преку река (со газење)' ~ *боса мома река прегазила,[шо и зела ду два златни српа,[да нажниjе росна дити- лина,[да наране jунакова кој- на,[ем гу ране, ем му порачуве* [ТГ,164].

прега́т adj 'коњ, вол, што се впрегнува и со него се ора'; со исто значење и: **ура́тин** [ПК,2(88)].

пре́ги adv 'пред извесно време' ~ *jурга́но ка́ гу-уткрија́л: чăко́р* (= пенушка), *дăрво, не́ же́на-му. "Ах, вика́л, ма́мă-му, вика́л, гле́j шонăпрăви́л, вика́л, же́нта-j та: уфкăза́но шо́-j, же́нта-j". Е, утта́мка, тóа па́ тăрче, сéга пу-не́го зă-дă-гу-фа́те, па́ куту пре́ги. Густигна́л...* [ПД,159].

прегне pf **1.** 'кога добитокот се стави во положба да влече (пр. кога воловите се стават во јарем за да орат)' ~ *пра́внут му ричé на не́гу: А купúх ни́ва, и и́мам сăкле́т, са́кам да си о́дам да гу ви́дам; ти сă мо́л'ам, ни-ми-чика́jти. И дру́ѓут ричé: А купúх двé во́ла, и ки си о́дам да и пре́гнам да а ви́дам, ти сă мо́л'ам ни-ми чика́jте* [MV(K),278]; постапката **прегнува** има и пошироко значење, освен на добитокот се однесува и на самата кола: ~ *ác бúх нă-гувé:та, гувé:та па́сăх, дуjдé чúк-ми, нă-та́тку по́-мăлéчук бра́т и кăжá: "Ајде бéгат сúте, ќи-бéгме га́:ре". И уддé сéлто, пригна́ адúн sugвáр, áдна кóла прăгна́а. И нúй пу-чúко, úмăхме пéчéс глáви гувéда и двé-трú ко́зи, и зăбра́ме и ка́рăме* [ПК,2(218)]; ~ *му-вéле нă-кра́лут: "А бе та́тко, му-вéле, аj д-о́jме, му вéле, та́м дéк о́ăт гулéмите дă-сă-рăшéтăме". Имáло идну-кучиáч стáр нă-чéза. А -пригна́ле кучúата – ќ-о́дăт* [ДК,-132]; ~ *сăбута нăвéчир цéла нóќ свáдба. Утридéн, нидéл'та, ќи-*

тăргниа дă-ă-зéвăт нивéстăта. Ќисă-субéриа кóјна, кóли. Иргéјнту ќивјáниа кóјна, друзи ќи-прéгниа кóли. Зă-нивéстăта ќи-спрéмеа дрýга кóла. Брíшка му-ви́кăме ни́е [ВЕв(Ил),307]; **2.** fig. 'кога младоженците со симболика се стават во јарем, т.е. во брачни обврски' ~ *и ќа: нóсăт* (невестата) *прăт кýмут, ќи-м că-зăклáјне трú пăта (Бóже, шó бáа будалéсти). Нáпкум ќа: зúмăт, ќа: клáат на стрéди, ќи гу зúмăт и мóмчто – и двýјцта ду еднó дрýго. Ќи зúмăт еднá бéла риза, тóґи ќи-і прéгнăт, хýмут* [ИГ,117].

прегóр m 'суво место на кое културите не успеваат, т.е. *прегорувaт*' ~ *тój мéсто шó нé рóжде нúшто: шó ќи дáа тóо прегóр* [ПК,2(88)].

прéд (и: **прад**) prаер 1.'упатува на предната страна – од каде што е лицето' ~ *сегá ми е стрáм кáк да излéзам прéт господáро ми и прет човéците* [V,PM,21]; ~ *кату чу така цар'ут, пусна човек и гу викна авџиолиата прет негу* [V,PM,42]; ~ *дојдóха сúчки прет нéгу; тогáс тój му вéли на сúчки* ... [V,PM,22]; ~ *едната úмаши прет нéја јарибúца сос дéвет јарибúчки, нá тапсјá игráиха, и т'ánака нá гиргéф вéзиши и сиúр чúниши* [V,PM,135]; ~ *и когá си собрá мезлúчут, тогáс гу извадúа и сиромáхот от зăндáн'ут, гу закарáа прéт пашáта* [V,PM,27]; **2.** 'укажува на непосредна временска блискост' ~ *прет дă-дójдиш ти, óн си-уддé; ... нă-двá днú прăт Бужúк сă-рăзбулéх; ~ станах уф зори (прад зори), питлијнта кога прапијаја* [ТГ,-11]; – петлите пеат *уку вичери, уку сред ноќ, пред зори* и *уф зори* [ТГ,403]; ~ *имáл ąднą-цáр трú синóви. Имáл и áднą ąбóлку. Кáтą-гудúнą прéт ąа-зрéе тó ăбóлкуту му-гу-идéле. Ко:-удéле ąа-гу-бéрăт, гу-нăјдувáле издéну* [ВВ(Кр),311] – категоријата род во Воденско скоро да не функционира, сп.: **ąднą-цáр**... **áднą ąбóлку** (формата за ж. род од бројот 'еден': **áднą** во првиот случај оди со именка од м. род, а во вториот со именка од ср. род), таквите примери не се инцидентни, туку ги среќаваме многу често; **3.** 'упатува на нечие присуство' ~ *му вéли: "áх мăжу, не ти вел'áх јáзе по-напрéт, ча ки ти острáмјат прéд човéкот?" ... гу бéши стрáм да излéва прéд човéците* [V,PM,26]; ~ *немаши веки сос каква хвалба да гу хвали авџиолиата прет лалата му* [V,PM,42]; ~ *ка фтасаха таму, он пред неја кажа, оти Ѓурга зе главата на Илија* [МС(В),97]; ~ *пусéстримте пéąт: вóди брáче, вóди,[прет кýм да а нóсиш –[кум ќа а ąарýве дýјна ем нарáнsа* [ИГ,117]; **4.** изр.: **прад слăнце заоѓајне спијајне – азăр бол'ка** (изрека: најкорисно е спиењето преку ноќ) [ТГ,249].

предéл'а (и: **пăрдéла**) f 'големо стадо овци, над илјада, не мора да се на еден сточар' [ПК,2(88)].

преди prаер 'порано од некој (одреден) настан, пред' ~ *преди четири години имах перде, că чудих, că чудих; немаше никој кулај, то пусто е око* [МС(В),76]; и: **преде** ~ *спроти мајчини ми повелениа – мајка ми е дип харна – преде петнајси или осомнајси години да и дошел у д'адова кăшта един гост, га ареса на мајка ми, за един вечир са винча сос неа* [V,PM,56]; и: **пред**.

предложи pf 'даде предлог нешто да се стори' ~ *змéо се-зачудúл и си-помислúл óти Ѓýптино е-ствá-рно нóго сúлăн. Ама пák нé-сąкáл ąа-му-се-предáде, ną-тóлкąф чувéк ąа-му-признáе óти е пóсúлąн. Затóа*

му-предложил да-се-бо́рат и то́ј ко́ј ќа-по́бе́де, ствáрно е-на́јси́лан [ВГ-(Мир),272].

Предлозан м. л. име запишано во југоисточните (македонски) говори ~ *имало трујца браТја: Предлозан, Димитре и Ристо, са главиле на един човек: Алате. Утишле на нивата да жниат* (пишува 'да жинат'?). *Алате гу пуштил Предлозан да носе една книга на жента мо* [V,PM,272] – како што веќе истакнавме заменската форма **мо** (добиена со асимилација и контракција од *му + го*) се наложила и многу често се јавува во улога на дативната форма **'му'**.

пре́дник m 'дел од женската облека, се носи напред, од половината надолу, за да не се валка фустанот, скутник' ~ *áко-j ут плáтно, памýчно* **пре́дник** *сă ви́ке,* а ако е волнен – **прăгáч** (Ник) [ПД(118)]; ~ *удде́ла та жéна, дéка и́ вăрве лáфо, ут-тéбе еди́н кумáт, уд-нéкуј си́рне, уд-нéкуј ýрда, шо-ви́кăт, збрáла еди́н пре́дник, пре́дник ви́кăме ти: пăргáчуто* [ПД(144)].

преднин* adj, в. **предăн** ~ *двете преднини плешти от овенот не ги варјат, туку така сорево месо, едната ја заневат на попот у дома и едната на кумот* [V,PM,252].

пре́дништа pl 'преѓа во различни бои' ~ *ќи-j-збе́рум ти́а пре́дништа, ќи-зăткáм áјн ирáм* (= ткае-на, шарена постилка) [ПК,2(88)].

пре́дно n 'конци добиени од испредена волна или памук'; има и *пичено предно* (= специјално приготвена преѓа од памук) – на *Бужи́ќ* попладне кај *армасницта* ќе дојдат роднини од страната на момчето и ќе ѝ донесат ока или две *пичено предно*, а за возврат *армасницта* на жените ќе ги дарува со *шамиа*, а девојките со *кавраци* (тенка шамија) [ТГ,154]; и: **придéно** ~ *ину-дéн му-вéле: "Ајде дă-зéвăш дă-прéдиш придéно, вăлна!" Му-дáшла и вăлна дă-прéде, а тá мăлéчка нé знáе, áма дă-прéде. А-зéла тá вăлнăта и утúшла да-пáсе крáвата* [ДК,120]; ~ *и сă-стимни́ло. Чýпата си-гу-зéва придéнто, му-гу-дáва бáбăта, си-óде дóма. Вá мăшчéăта ă-ви́два вăлнăта, лéпо придéно* [ДК,120] – во последниот контекст има уште еден пример за присуството на лексичкиот архаизам **леп** (= убав) **во егејските говори**.

пре́днос f 'кога нешто се става во прв план, кога му се дава предимство' ~ *дéкạ ќе-óди чов'áко, ути́шал уф-буни́шти... и тогá минáва ѓáволо, сáтанатạ сас-тóрбạ и-му-бáрạ дạ-му-дáј н'áштo. Изв'áдал цăрви му-дáл... И тогá цăркнал сáтанáтạ. Пýкнал óти не-можéл дạ-го-нaклóни, пá си-верýвал и-пá Гóспо, пá му-дáл пре́днос* [ЛС(К),118].

пре́дăн adj 'тој што стои напред, односно што е прв' ~ *ни́м дă-би́јш пре́дăн, áма ни́м ни сăдăн...*

прежáли* pf 'кога нешто ќе се жртвува' ~ *напи́сýва едну-пи́сму дутáтку-му... гу пýшта гăлăпчту и му-ви́ка: "Ајде, гăлăпче ми́лу, лéтај кóлку си-кадăр зạ-дạ-мóјш дạ-фтáсăш мéн дạ-ма-утки́ниш"... Нạ трéтиут дéн гу-пýшта трéтту гăлăпче су-пи́смуту и му-вéле: "Твóја дýша ќи-прежáлиш мóја да спáсиш"* [БМ(В),195].

през prаер 1.'низ' (в. **прис**) ~ *там дојде аскерут и са били една ношт; сабалината Шабан-Гега избегал през аскера* [МС(В),72]; ~ *боса мома река прегазила,[да наране јунакова којна,[ем гу ране,*

ем му порачуве:["Јади, јади јунакова којна,[ду нидел'а пăт ки да пăтуваш,[пăт ки пăтиш за млада нивеста,[за нивеста мошне уд дилеко,[прес три гори и прек три планини" [ТГ,164]; и: **прăз** ~ *тој тога ги ударил по главăт'а с тоăгăтă, и завчас сă фăрлили в ăзăрото, та, от много боликă как хрипкали по ăзăрото, провалили го, и тиă услăкнали, пак ăзăрото истăкло прăз дупкăтă и прăз срăд градо* [V,PM,291]; **2.** 'кај' ~ *овчаро зел гердано и си пошел при овците. Тăрговецо от три месеци сетне сă вăрнал през овчаро и го питал, излăгал ли је женăтă му, ил ни је јă* [V,PM,280]; **3.** 'преку, од другата страна' ~ **но́вина** (нова нива што се отвора на некое необработено место) – *де́к и́ма пра́зно ме́сто па́-но́вина утво́рувaa, по́ да́-са́-ра́нат, сјурма́си де́. Си-ра́бо́таа та́м, ка́мине тре́баа, с-иска́рваа. Но́вина утво́рувaa. И та́м и́мише мисти́на, а́ма ма́јка не́ зна́а, си́но* (се обраќа кон истражувачот). *На́ тка́ би́ше* ***Пра́з–Ре́ка*** (top.), *на́-ка́де* ***Мижди́ре́чка Стра́на*** (top.) [ПК,2-(250)]; **4.** 'одозгора' – породилката што ја *гази сенка*, вака ја објаснува својата болест: навечер ѝ се чини дека се *пујавуве сенка* и таа од страв се покрива *през глава* (се вовлекува во постилката преку глава) и потоа "сеќава" како ја притиска некој терет, како да сака да ја задави. Таквото неугодно чувство може да потрае и по цел час, а кога ќе се освести целата е во пот и крајно исцрпена [ТГ,111]; **4.** **'пред'** ~ *и змију́вéте, като́ едjа́ха месо́то и кокали́те, клаваха́ си от прес тjах. И нова́ челове́к, като́ еде́шја и тој ме́су сас тjах и приз рамото́ си фа́рлешја кока́ли́те и ни оста́вешја ко́кал от прес не́к* [V,PM,262]; **5.** изр. **през сабја ке промини** (= ќе биде заклан со сабја) ~ *царју́т рекла: "дурде си не најди ланџицата, нема кабил да стана јаз. Ниа дојдохми на госте. Таја работа не бива! На кого ки си најди ланџицата, он през сабја ке промини"* [V,PM,176] – специфичност во врска со редоследот: глаголот и заменската форма се одделени со негацијата: **дурде си не најди.**

прек prep 'низ' ~ *ем гу ране, ем му порачуве:["Јади, јади јунакова којна,[ду нидел'а пăт ки да патуваш,[пăт ки пăтиш за млада нивеста,[за нивеста мошне уд дилеко,[прес три гори и прек три планини"* (од Енице-Вардар) [ТГ,164].

прекаде (и: **прикади**) pf 'кога свештеникот, на верски обред, со запален темјан, што испушта мирис, ќе помине околу нешто (пр. околу мртовец)' ~ *увенот за го дражи един на ранката, за езми домакинот на една кадешница за кладе вогин и тимјан, за го прикади около три пăнтја* [V,P-M,251]; ~ *тогај за викнат и попот, за донесат отпрет тапсјата сос л'апот и едно бл'удо пшеница варена и една литургиа, за благослови попот, ки прекади на сичките тамо, вел'ајке: "Свјатиј Боже"* [V,PM,251]; ~ *га го виде от далеко ошти Зарзавил, ч'а иди с невестата, много си нал'утиш. Зере, кату идиши детенто с невестата, и́ каза сичко: веке хем от ламјата трите златни косми му ха и дал на неа, хем каза на неа, ки –"аку умра, да ми прикадиш, пак ки станам!"* [V,PM,158].

прекада f 'чинот кога свештеникот со кадилница во која има запален темјан ќе помине и ќе прекади' ~ *мăжắ-хи рекắл: "ăку-ти-ка́жа́ ита́-у́мр'а". Та́ била́ ло́ша же́на и му-рекла́: "Не́ка*

дa-умрéш, ăмa-úскaм дa-ми-кáжеш". И чул'áкa са-пригóтвил зa-умирáчкa. Кáзăл-хи дa-утрéби жúту дa-умéси хл'áп и дa-свáри фăсýл зă-прéкaдa [ВД(ГБ),331].

прéкар m 'именување на родот' ~ *нă-нáска прéкаро нé-j Мијáл'ци. Тăкá нă-прăкáрувăт* [ПК,2(88)].

прекúпе* pf 'состојба на експлозивна нетрпеливост' ~ *ми-прăкипé, нé сă-издăржуве вúке ус н'ó:* (= не можам повеќе да го трпам) [ПК(Грам)].

прéкна f в. **прекнувица** [ПК,2(88)] и: **прехна**.

прекничáф (и: **прехнăл'áф**) adj 'човек што на лицето има **прéкни** (= жолти точки, дамки)', ~ *тúа цéл думазлăк сă-прекничáви* [ПК,2(88)].

прекнувица f – обично во множина: **прекнувици, прекни** = жолти дамки на лицето, повеќе (и поголеми) се јавуваат на трудни жени; сп. верување: – за да исчезнат жената треба да се измие со вода во која има ставено една *стиска прс уд незнајин гроб* и кога се мие треба да изговори: *неканени да дујдете – невидени да-с јодите!* **[ТГ,104]**.

прекус m 'сено од второто (есенско) косење' [ДК,104].

прекăлнан adj 'проколнат' ~ *чул А лате, са пуштил по него. Ка префарлил ваѓата, фатил да вике: "Е! Алате, жал, жал! Не ти давум паунут". Па Алате бил прекăлнан от Бога да на може да помине вагичката"* [V,PM,272]; и: **прикăлнăт**.

прéкăр m 'место погодно за поминување' ~ *тó-j тéсно мéсто* (пр. покрај некој дол), *кăт прăкáрăвăт стóкта* [ПК,2(88)].

прелие pf 'истури течност врз нешто'; пр.: доколку умрениот ќе се стави во стар гроб, коските на оној умрениот поодамна, ќе ги измијат и *прелијат* со вино [ТГ,254].

прéлиф m 'место годно за премин преку река, плитко' [ПК,2(88)].

пр'éлу n 'квалитетна преѓа, пасмо конци, волнени' [MS,s,88];~ *пр'éлу дукáруват ут фáбрикáта, гу купóвами ни́* [MS,t,6]; ~ *така за везмат един кpондир, за кладат един колак на кpондирјут, и онаја прăмната везената чевpја, или една ширвета алова, и сос алово пpело* [V,PM,264]; ~ *дај ми нăкулку клăмбă прéлу* [ПсС(З),64].

прéлук m 1. 'нива оставена неколку години да прележи необработена, да се засили почвата' [ПД(121)]; 2. 'дел од нива што не се ора поради непогодност' [ПК,2(88)[.

прéма prаер 'кон' ~ *едно врéме спúја: уф лувúшчăта, óти ко: стујáл Стáр Дójран мáндрите бúле нă гóре, прéма Николич* [ПД(128].

премéжда f 'несреќа, тешкотија, премрежје' ~ *и тáа премéжда пумина́* [ПК,2(88)]; в. **прéмриш**.

премена f 'она со што човек се облекува' ~ *и го принéло, та отишéл при мóмите на сарáе, похлóпал, та изл'áли и трúте при нéк сас еднаквá премéна, еднакăф возрáс, еднаквó лúце. Попитáлú го: "Е, што úма?"* [V,PM,258].

премине* pf 'помине од една на друга страна' ~ *нија бехме на срешту; дојде и ни се моли да му удрим козите да преминат Вардар* [МС(В),73].

прéмре pf 1. 'кога ги поминува задните часови од животот, пред смртна состојба'; 2. изр.: **прăмрéх, тă пá уживéх** (= многу се преплашив) [ПК,2(189)]; в. **прамира**.

пре́мриш m 'несреќа', в. **преме́жда** ~ *пумина́ме оши-ади́н пре́мриш* [ПК,-2(88)].

пре́мул' adj 'јадење што е многу солено' ~ *то́о ја́дне ва́адӑн пре́мул', нӑ-мо́ш сӑ-ја́де* [ПК,2(88)].

пре́ндину n 'преѓа' ~ *пре́ндинуту и ту́к; испре́ндух пре́уту* [ПсС(З),-69] – во примерот имаме зачувани траги од назализам, сп. стсл.: **прѧда**; в. **предно**.

пренесе* pf 1.'однесе нешто од едно на друго место' ~ *та му да́л ќосе́то пет ко́н'а на́това́рени сас што поискал, и, натуурил по су́хо пчени́цата, меда́, просо́то, ... та са собра́ли пиле́тата, пче́лите, мра́фките... му рекло́ едно́ пи́ле: "Ела да та пре́неса прис море́то!"* [V,PM,258]; ~ *и го прине́ло, та отише́л при мо́мите на сара́е, похло́пал, та изл'а́ли и три́те при не́к сас еднаква́ преме́на, еднакӑф возра́с, еднакво́ ли́це. Попита́ли го: "Е, што и́ма?"* [V,PM,258]; ~ *и отишел на кра́ј море́то. Дошли две́ пи́лета, прине́ли ги прис море́то и стигнали при визи́рја* [V,PM,258]; **2.** – (са) 'се префрли од едно на друго место, се пресели (пр. во друг град)' ~ *Е, има́л Го́спут за-ме́н. Па́ са-пувӑти́к ду-до́ма, па́ си-прибра́к де́ца, па́ си субра́к ступа́н, си-прибра́к ку́ќка. Ама дуј де́ вре́ме да-са-ту́ри та́ ку́ќка, да-са-принесма́ у-Макидо́ња* [БМ(Сар)-204]; и: **пра́несе (сӑ)*** ~ *и фа́ти́ли ус-ти́ја о́ра (ру́сӑлицки) да-збу́рат па́ри, дӑ-гра́ат цӑ́ркви, учи́лишта. На́ште коо сӑ-пра́сили́ли трина́јста гуди́на, ќа избига́ли ту́ка, то́о о́ро сӑ-ра́ширило и ту́ка. Гу-има́ло уфти́а кра́ишта и ту́ка, а́ма гивика́ли цӑмӑла́ре, не́-ј вика́ли ру́сӑлиј. Ут-кукуш ќут кра́ј сӑпра́не́суват трина́јста гуди́на, ру́сӑлијте и́ат ту́ка* [ПК,2(Крец–305)].

пренесу́ва impf 'носи работи од едно на друго место', в. **пренесе 1.**~ *дете́то ви́ка "Слу́шајти, то́ј што́ќи-ми прода́де, што́-ме-прода́ва, ќи-би́ди пишма́н, и-то́ј што́-ќи-ми-ку́пи и-то́ј ќи-би́ди пишма́н". То́ј-па, тарго́вецо ви́ка: "Што́, ќи-го́-пу́штам та́му слу́га, да-ди́га, да-пренесу́ва н'а́што, го́тово"* [ЛС-(К),124]; ~ *копри́ната е-от-Ки́на. Би́ло забра́нето уф-Ки́на, за-да-не́ иско́чи свила́та от-та́м. Калу́ѓер о́н би́л, от-Ѓа́рција. Калу́ѓеро оти́шал сас-бастун, пробу́шал-го бастуно, пра́зан, и-го-напа́лн'ал ја́јца от-свила́ и-така́ го-пренесу́ва пре́ку гра́ница* [ЛС(К),137].

пре́но́го adv 'нешто изразено во голема мерка' ~ *И ја́ј-го, што́ ви́кат утрина́јста, емен, бли́зу, нӑ-ка́де сидумдисе́ гуди́ни ка́ сме ту́ка. Ше́јс де́вит гуди́ни ка́ сме ту́к, че́до. Ми, но́го ма́ка истигл'а́ме, но́го. Пре́но́го* [ПК,2(Крец–296)].

пренус m 'дел од црквениот церемонијал, кога попот им дава причесна на верниците'; сп. верување: – детето што често боледува, што *не вирее* се лекува со баење, или пак *гу фрл'уват на зора*. В сабота рано болното дете ќе го извади надвор *прајасина жена* (таа што престанала да раѓа) и кога "ќе удри зора" ќе го крене три пати угоре, свртена кон исток и ќе изговори: *На ти, зоро, болно шилеже – дај ми здраво*. Утредента, в недела, кога се дава причесна, и кога свештеникот врши *пренос* треба детето да се остави на земја и свештеникот со причесната треба да помине преку детето [ТГ,123].

преобрази (са) pf 'се измени' ~ *пехера му си зарадувала за керка и́ и за мнучито и́, ча и дал изӑн за них, да идат на сфадбата. Така кинисаха*

да идат на пътју. И тојнака тебдил са чини, са преобрази со са други дрехи, вјахна на харин кон та от друг път отиде та ги срјати на един орман нетри [V,PM,93]; ~ *дервишино пак си преобрази, са чини пак царјува керка, и стапот веки беши останало като иглин върх* [V,PM,92].

Преодо top. 'ниско место, погодно за поминување', *Сенгел'ово* (Валовишко)' [ЈИ,Ми..., 178].

препала* pf 'побара детално' ~ *заспал и на сонут му дошло: мутлак да оде на селто, да а најде црната кукошка. Станал, кинисал, одеки, одеки, го нашал селто, препалал и нашал, а фатил църната кукошка, си а носил дома* [V,PM,273]; и: **прапала** ~ *си ја фати, леле џанум, црна Арапина,[си ја фати, си ја удри јуд бела ми стена,[си ја прави, леле, џанум, јуд двеста парчијна,[тоги, лелем, та прапала тенка Ванѓелино,[те прапала да те најде Попово Јуванче* [ТГ,41]; в. **попала**.

пре́пин* adj 'личен, убав' ~ *нив'ъ́стата му б'ъ́ш'и мло́гу пре́пна; у нид'ъ́л'а ути́ди на ч'е́ркфата* [MS,t,67]; ~ *афу́ ... сă при́м'ạни сăс но́ват'ạ ру́ба, д'ъ́т'ạнту ста́на мло́гу пре́пну* [MS,t,81].

пре́пишти pf 'силно извика' ~ *е, виде́л не-виде́л, па́-а-качи́л ку́ма Ли́ја нагъ́рбут, па́-а-но́се, а-но́се дудýпката. Рипна́ла – му-са-скри́лă. Пучна́л дạ-те́гне да-а-пу́ште уд-ни́кујстáн у-дýпкта. Фáти-а но́гта – пре́пишти зạ-да-а-утпу́ште* [БМ(Стр),204].

пре́плет m 'дел од пасмо, конци преѓа, поврзани' ~ *ут пре́днуто па́смуто шо-ј, не́ли ти: та́м сă рăзде́л'ăни нă пре́плете. Па́смо-ј це́ло, а пă пре́плете и́ма уф на́тре* [ПД(118)]; ~ *сто́ и два́јсе ни́шки пра́вăт ади́н пре́плет* [ПК,2(88)].

препослан* adj 'препокриен' ~ *едноч са причу на неговата земја авџиолиа јунак, и дваш са причу неговата удаја от филдиш кокалиту, и препослана сос фил'у кожа* [V,PM,43]. Употреба на именка во служба на атрибут (препослана **сос фил'у кожа** = со слон кожа, м. 'слонска кожа' – образец позајмен од турскиот јазик).

прери́пне* pf 'скокне, замине преку некоја препрека' ~ *си́те по́рти зăтворе́ни,[си́те го́сте ле́ле ја́дат, пи́јат,[Турунџи́ла ги́ди ни́кој не́ го-ка́ни,[Турунџи́ла на-ко́јна мувéли,[вéли ем говóри: ри́пај, ри́пај ко́нче,[да прери́п- ниш ти́ја те́шки по́рти* [ПК,2(Ним–273)].

пресвéтаја adj, f 'од религиозната христијанска терминологија – определба на света Богородица' ~ *Пресфе́таја Богоро́дица. Чи́стаја Дје́ву* [MV(K),306].

пре́сев m ~ *пре́сево сă-пра́ве ус учме́н, се́мки уд-бубáјк, бăмбо́ни, нăу́т и па́ри, си́тни дина́рчта. Ус-то́о сă-прăсéве нивéстта ка́ а зи́ме мо́мчто уд до́ма* [ПК,2(88)] – присуство на архаичната наставка на ср. род **-ета: дина́рчта**.

пре́син adj **1.**'наскоро настанат, свеж' ~ *де́чкăта, ка́-к сă-у́дрạт, ка́-к фáтат дạ плáчат, дạ-ј замо́лчиме ки-м ка́жме: лу́да ко́за, пре́сна ра́на* [ПК,2(174)]– иако основен рефлекс за вокалното **ъ во овие говори** се јавува двофонемната вредност **ăл (кăлне),** сепак при истражувањата во повеќе пунктови сретнавме **молче** (и **молзе**); ~ *и сам сега отсла́бнал та не мо́га за да хо́дем, и ти са мо́лем да ми доне́ваш ката́ у́трина мл'а́куту от охцéте прја́сно... и ко́лку шта ти и́зем,*

шта ти плáтем и нáтплáтем [V,P-M,261] – во врска со линеаризацијата, во контекстот имаме пример кога придавката е во постпозиција во однос на именката, па дури и се разделени со други зборoформи: **мл'áкуту от охцéте прjáсно;** ~ *да исплетат тенка мрежа,[да ки дојме, мрена рибо,[да ки дојме – да те фатме,[да те правме, мрена рибо,[да те правме пресна чорба,[пресна чорба, мрена рибо,[пресна чорба – пулининска* [ТГ,49]; – водата исто така може да биде *пресна* ако е скоро донесена од чешма, пр. наутро кога се мијат луѓето сакаат водата да биде *пресна* [ТГ,18]; – жената, домаќинка, од нивата брза да се врати дома за да *готви вичера,* така што *аргатите* кога невечер ќе се вратат дома да најдат *пресна* (свежа) *вода, зготвина вичера и исчистина куќа* [ТГ,287]; **2**. 'нов' ~ *де един ден и трите самовили ја беха оставили момата сама тамо в дупките, пак те отидоха да уловјат друго некој по пресно лов. Тогас момата најдела време та побегна оттамо* [V,PM,195].

прéсно млéко n 'млеко што не е потkиселено, што е свежо' ~ *нă прéснуто млéко кá ки-гу-зăтóплиш кóра фáке. Та: ин-вúкăме кóра. Нúй мувúкăме кăjмáк нă-кúслуто млéко, гóрнио дéл* [ПД,156]; ~ *пурăснáло тóо дéтто, нă-прúкăска нóго скóро рáстăт дéцта. И аднóто дéте вил'áло: "Е тýк шó-j ýбуво дă-нăпрáве чувéк нă-вăздух цáрскýт пăлáт". И úдат дóма. Кăжýве нă-мáтку-му: шó ýбуво тýк jáдме сúрне, кúсло, прéсно млéко, кăжувáл дрýгут сúн* [ПК,2(Крец– 301)].

прéскăпо adv 'кога за нешто се бара многу пари' ~ *дă-кáжиме такá дă-óде нă-кăд-Сóлун пăт... и викнá тил'áл ф-тáа укóлнус: – Кój úма кóли, кój úма кójне дă-нóсăт кáмине, вáр, пéсук, ки-се-плáште скăпо, прéскăпо* [ВК,283] – употреба на именка во служба на атрибут: нăкăд-Сóлун пăт; ваквите конструкции позајмени од турскиот јазик се среќаваат и во други говори, но во Долновардарско ги забележуваме многу почесто.

пресладок* adj 'премудар' ~ *като си качиши на скалата, дур да влезе на крал'увата одаја, детето од три дана като беши хванал да мо дава каршилак на крал'а, да му отговарја преслатки збори, да мо вели на кралу, зашто не излези да го сретне, да го брани от псетите* [V, M,244].

прéслап* m 'ниско место в планина, меѓу ридови, погодно за поминување' ~ *нă-прéслạпо чéкат лувụúјте дúвич* [ПК,2(88)].

прéснoóрка f 'нива наскоро орана' ~ *нúм га-сéj, прéснoóрка-j óште, нéк пустóо, цăрвик ќи-изéде сè* [ПК,-2(88)].

пресрéтне pf 'се најде со некого на пат' ~ *червáта ú-ги-закáчиха надирéка. Чéка мájка дạ-си-дójде кéрка-ú и кáк не-дохóди тăргнáла дај̣а-пресрéтне. Утúшла в-гурáта и вл'áгла в-кăштата. Кáк ги вид'áла червáта по-дирéците, паднáла и умр'áла. Мạмúчето останáло сосмáчето, кýчето и пéтлето* [ВС(Кал),336]; ~ *"Кá ки-пáдниш, рăчé, нă-дóлу уф-ливájте, тáм úма, рăчé, ки-тă-прăсрéтнăт двé кучújна, еднóто, рăчé, бéло, еднóто, рăчé, цăрно... Кýчишчăта кá ки-сă-пýшчăт уф-тéбе, пýшкăта óш кá ќа:-зúмиш да:-нăпăлниш. Ким-клéкниш нă-кулéна и двăтá дăги утéпиш* [ПД,147].

престоj̣* pf 1. 'застане' ~ *тамо видех да излези едно пиле, от пиле са чини човек, седна, и трапеза*

невидена са положи пред него, и две ангели му прјастојаха: единоју от десната му страна, другио от левата [V,PM,92]; **2.** изр. престои **диван** (= стои мирно, понизно) ~ *после пуштил крапачино малкото дете от три дана, да земи жената му, да ја донесе на конакот да ја види и крал'ут, да не му остани севда за неа. И ја донела малкото дете отпрет карпачин, диван престоi и мо вели:...* [V,PM,244].

пре́стрăма f 'првото одење на зетот во семејството на невестата, по свадбата' [ПК,2(88)].

престраме (се) pf 'престане да се срами' – откако ќе ги прими даровите од деверот, младата невеста ќе му бакне рака на деверот и ќе го дарува *сус пачета,* а *пусестримте* ќе пеат: *"Престрами се, моме,[пред мајка, пред татко,[пред рода, руднини"* [ТГ,180].

пресул m 'солена **суруватка** (според Ст. Тановиќ), односно вода во која има растворено многу сол, пр. кога во неа се чува сирење'; сп. обичај: – кога човек ќе се изгори веднаш на местото се става крпа натопена ... во *пресул,* (други) на изгореното место ќе стават кора фатена врз киселото млеко [ТГ,238].

претстáве* pf 'создаде претстава, замисли' ~ *ká сă-испáлнуве врéмуто дудéка му-рăчéл дéуто, нă-та: дáта дă-сă-нájдăт пá тáм, о-зăпúре пăрăхóдо тáм, нăкăде грáницăта, дă-претстáвăме. Изл'ăзéл тăká, рăбутнúците си úмăт jáдне, пújне* [ПД,150].

префăркне* pf 'прелета' ~ *сéтне пак ни знáе, на котрá да даде прăстен'а. Дошлá пчелáта, кázала му: "Тúa кáк шта стојат и трите в еднó, јас шта прéфăркна на еднá прис главáта. На нáзикана да гó дадéш!"* [V,PM,258].

прехнăл'аф adj 'човек со дамки по лицето' (Дој), во Ник: **дамкăл'аф** и **шăрен** [ПД(115)]; в.: **прэкнич'áф**.

прехубав* adj 'многу личен' ~ *тогас тој и клатнал хортомата, та гу пуснаха. Си завратја оттамо, отиде понанетре, најде четиријси удаја... тамо најде три моми прехубави, штото сос забите бесер точили* [V,PM,220].

пре́чи* impf 'прави пешкотија на некого' ~ *сă чинýвум, мукăéт иште. Ми ти дéк а кладé! Јáз дă-н ти прéчум исé* [ИГ,120]; ~ *мájкаму и тáтку-му Гăрците ги-фăтúли и ги-зăтвурúли уф-кунáкут, áма сéкаа вéчăр пу-двă-трýјца манувáли кој му-причéло. Зăтó и нéкаа мúсија – фрăнцýска, пудúгнина ут-кăлýгирките ут-Сóлун дујдéла уф-Амбáр-Ќój, тáм уф сéлто и видéла дéца зăтвóрни и нăрóт зăтвóрно, тáм уф-кунáкут. Еднá мóмичка испăднáла, га питáли: "Дéка-j мájка-ти и тáтку-ти?" Мóмичкăта рéкла: "Е, мájка и тáтко тáм-сă уф-рéкта зăкóл'ни"* [ПК,2(Крец–304)] – дел од тажните **бижански** приказни.

пре́чка (сă)* impf 'се расправа, се кара' ~ *нúт úмат зă-шó, áма сáмо сă-прéчкат* [ПК(Гăр)]; ~ *и зéвạ тó мéсуту му-гу-дáвă, му-гу-зăлипýвạ тáму и сă-испрăвýвạ тó дéјтту, кинисýвạ, си-óде нă áка* (така?). *Вýнтурут – ét тó пúл'ту – си-утúде дóлу. Јунáкут и нăójћa брáткăтạ кáк сă-прéчкăт тáму, кáк сă-кáрăт зă-тá нéјнта мóма шọ-бúла лúчна кăу слáнце* [ВВ(Кр),312](**вунтур = вид орел**).

пре́чкạ f 'тоа што пречи при извршувањето на некоја работа' ~ *aj-пá ќи-си-сọбéрạт. "Пóнé, мóл'ạти, ác*

фчéра жнúја и-нé-ми-си-собрáни снóпито". Знáј пóпо óт не-се-слáга сéло, сè ќе-úма н'áшто прéчка н'áкој. И тáка дáлго вр'áми пóпо сикорúстел [ЛС(К),120] – уште еден пример за проширената употреба на множинската наставка **-и** кај едносложните зборови: **снопи**.

пречници pl 'дрвца што придржуваат', сп. обичај од дамнешни времиња: – во старо време мртовците не ги закопувале во сандаци, туку на страните на гробот (на околу 50 см.) ќе се ископаат дупки во кои се вметнувале дрва (тие дрва се викале **пречници**) а врз нив се ределе даски, така што мртовецот останувал во празниот простор под даските [ТГ,256].

пречуди (се) pf 'многу се изненади, се зачуди' ~ *излела девојката, да помети рамни двори еден ден. Проминали кралски сеизи приз рамно ú двори, и видела сеизиту на девојката. Шјаштисали, штото прогледот му си земá;... са учили на крал'а, да мо кажјат, та ем мо вел'ат и говорат: "море, крали; наш гос., ела да видиш крáпачината жена, да се пречудиш, като неа нема на дјун'ата"* [V,PM,243] – сп.: **двори** pl м. 'дворови' – проширена употреба на множинската наставка **-и** (извадокот е од прозен текст).

пречýен* adj 'познат по своите квалитети' (ако не е во иронија) ~ *какóв кăсмет си имáл да спиеш сос таквá жéна, којá е еднá на земјáта пречýена* [V,PM,11].

прéшле* n, в. **пр'éшнил** ~ *óна нúку врéме тáму сидúла. Му-тикнáло зă-дéдуто, дă-гу-вúде дéдуто. Зéла сирéнце и прéшлито шу-придéла и тúшла тáму гóре, у-сéлуто, дéуто дéка жúвăл. Сă-кăчúла нăбáјата гóре и фăрл'а сирéјнито* [ДК,146].

пр'éшнил, и: **праслен**, односно **прéслин** m **1.** 'округло каменче, на средина има дупче во кое влегува долниот дел од вретеното и со тежината го оптегнува конецот кога се преде – прешлен' ~ *на врит'énуту на фýрката* [MS,s,88]; во Кукушко: **прéшлин** ~ *тó-ј тăркáлче уд-дăрво или ут-кирмúтка, сă-клáве нă-вăртéнто* [ПК,2(88)]; ~ *лудојут грендата на рамото, кату едно вратено гу носиши. Оттамо отидоха по-надол, најде един камин от воденица, му вели на умовитојут: "брате ја го и прасленот от вратеното", фати камино, го наврја на гриндата си, гу зема на гăрбот* [V,PM,229]; ~ *отúдоха мăра пăт и на пăтју нájдóха едúн водинчáрска кáмини* (sic!). *Гу земá и гу обесú нá пójасот. Отúдоха понатáтак, нájдоха édúн балабáн от тúа чáмовите дăрви* [V,PM,126] – пример за правење множина со наставката **-и** кај именките од с. род: **от тúа чáмовите дăрви** (наместо 'дрва' – за ова в. во граматичкиот дел); **2.** 'дел од направата за ткаење – од разбојот' [MS,s,18].

при prep **1.** 'упатува на место во близина на нешто, односно на некого, со значење: **до, кај, покрај**' ~ *да идиш праве л'у пот гората има широки ливади, при ливадите има чешма... растовари ракиата, и балтаџиите седнаха при товарите* [V,PM,42]; ~ *ричé Гóспот на Ученúцити нéгуви: Сéкој човéк тó шо ки ми сă кáжи на мéн насприту л'ýдито, и Човéшноу Сúн ки му сă кáжи на нéгу приту óчити на Господúнцки Ангели. Тóа пак шо ки ми арнúса на мéн при л'ýдити, и óн ки сă арнúса приту Господúнцки Ангели* [MV(K),299]; ~ *и тој седнá на едúн крај, ча мóмите при едúн хавýз*

едни пе́сни пе́иха, дру́ги сви́рка сви́рјаха [V,PM,9]; ~ *то́јнака ка́ту оста́нал та́му аф баи́ро при смо́квите, по́ на до́л ма́лку и́маши еди́н е́зер* [V,PM,28]; ~ *близу при сиромахувата кӑшта имаши една кӑшта, на која сед'аши еден владика* [V,PM,37]; **2.** 'укажува на правец на движење, односно приближување; со значење: **докај**' ~ *вели на бабата: "дај, бабо, един бардак да пода, да нал'ам вода". – Бабата му вели: "сакин, синку, тебе цал за ти поглатни". –"Нека ме поглатни". Бабата му даде бардак, и тој отиде да нал'аи вода; и га отиде при ѓол'ут, га гленда, ету и една мома седи тамо и плачи* [V,PM,221]; ~ *им рече́: "о́дити, си́нку, и Бог да даде́ да доби́ите, како што са́кати, и така́ да до́јдити при ме́ни!"* [V,PM,19]; ~ *и сӑ разјаж'да та́тку-и: "ско́ру да по́ш' при н'е́гу, да ми сӑ ма́хниш' ут кӑш'тата"* [MS,t,84]; ~ *и приближи́ при не́а, тури́ ухо́то му аф моми́н куре́м отго́ри и, кога́ чу́л ха́рно, не́три аф мо́мин куре́м жа́би удре́виха* [V,PM,29]; ~ *кату свӑрши́ си́чкта му ра́бота, оти́де при море́ту да на́јди не́кој гимици́и за да излези пак на господа́ро му* [V,PM,24]; ~ *и кату излезоха вӑнк при ливадите, там фӑрли тојнака онова кепету и са чини еден гол'ам чадӑр* [V,PM,36]; ~ *си калн'аши ... касметјут, вел'ајке каде Бога: "ах, Боже, милички Боже! Не да ми раждаши мајка ми еден камин, туку ме роди човек, ме порастна, да си горја на жив живот!" Еден ден ја пуснаха, самас ... да собери зели, и л'у отиде при полету, беха излели три јуди самовили* [V,PM,195]; и: **прӑ** ~ *а́јде, рӑче́л, са: нӑсӑд д-о́дӑме, прӑ де́до* [ПД(152)]; ~ *ка́ изле́гӑл то́ чуве́к уд-буна́ро: "е́, што́ ба́бо, зӑ-што́ пи́тиш?" "Не́ бре́ си́но, с-умури́х, о́х ричех" "А, не́, тук-ej о́х. Де́к ко:-но́сиш си́н-ти?" "Е, прӑ ох ко:-но́сум, нӑ-зӑна:т да-у́че"* [ПК,2(253)]; ~*А зиму́ве кушу́л'та и во́а му сӑ прӑда́аве ро́п нӑ де́тто. Му а да́ве па́к кушу́л'та, са а ублеч'ӑве Кара́-Џиндем, и гу зӑво́дӑве и гу но́се прӑ Јарӑм-Минаре́то и прӑ ко́јнут* [ИГ,114]; Тановиќ од гевгелискиот говор ја бележи формата: **пра** ~ *ох на мајка, оди пра мајка* [ТГ,130]; ~ *ја нусиле јуф кулиби,[јуф кулиби пра трлото,[малце време пустујало,[малце време пред вичери,[си пувиде млади Стујан,[си пувиде дробно стадо* [ТГ,-103]; примери со **пӑр**: ~ *ги-убиси́ла ри́бите нӑ-тӑва́но, и па́ си-излизе́ла дӑ-бӑрке не́кој дру́к килипу́р. Сӑ-шушка́ла ту́ка-та́м, и е́т-ти-о вӑлко прӑд-не́. "Де́к си-кинисала, мури́ ку́мо ли́со, нӑ-ме́не пӑ-ми-пӑдна́ нӑ-ӑкӑло дӑ-до́јдум пӑр-те́бе, дӑ-т-ј-ӑ-ви́дум кӑшшта"* [ВК(Пат),286]; **3.** 'укажува на намена, цел, со значење **за**' ~ *па́лај на стре́дно по́ст при Вили́гден, на три́ти нидели ут стре́дно по́ст* [MV(K),294].

приател* m 'близок познаник, кон кого имаме почит, доверба' ~ *кату свӑрши татко му порӑката, са прости сос сичките приатели и со́с домашните си, придаде́ си душата на Бога* [V,PM,7]; ~ *тога́с крӑпа́чинот оти́де на еди́н негоф прија́тел папучи́а, му вели́: "господи́не, ти са мо́л'а да ми дадеш де́сет хил'а́ди гро́ша"* [V,PM,18]; ~ *от та́мука оти́де и на о́нај негоф прија́тел папучи́а, му дадé... што́ зема́ на за́им му дадé и фајда́та* [V,PM,19]; и: **пријӑтил'*** ~ *зӑ се́ шо сӑ имӑ ричену, гирек нӑ цӑрквӑ, гирек на анут или неѓдин нӑ другу месту,*

субăшувите пријатил'ă му кăжувăт нă негу [МЕ(Р),91]; ~ *ки сă чина диво прасă и ки му оди на руднијнте и на пријатијлјту дом му* [МЕ(Р),77]; ~ *ловиúата вúка: "Нájзв'ár е-чов'áко. Змúата, вúка, змúја, пријáтал, милýва да-се-вăрни дăлго, а чов'áко, му-си-нàпрàвúл árно, а-óн непријáтел тú-е. Ас кóа ти-прáм árно, нé ми-мúсли лóшо* [ЛС-(К),129]; ~ *Гувóри Исус: Нé і дванáдесет саáта дéнут? Кój пу-удúл на дéнут, нé си супнýа, óти му сă глéда вîделот, и áку пуóди нéкој пу нóка, сă сóпка ... да пу вúа пá вéли на нúх: Лáзар нáшо пријáтил зáспа, ки óдам да гу раз-бýдам* [MV(K),286]; ~ *кá флéгал цárот да убúди сфадбáрите, а видé тáму идéн човéк шо нé бéши примінéт да лúчи за сфáдба. Да му вéли на нéгу: Пријáтил, кáк си дујдé тý-ка, шо немáл си рýба за сфáдба?* [MV(K),270].

прибере* pf 1.'стави на едно место некои работи, ги намести' ~ *и така си-ј прибрама шејвиту, шо-ј имáхна за зивајна, нај-повичке книги* **[МЕ-(Р),68]**; ~ *на идéн чувéк зингúн му дадéа нúвити ногу бирикéт. Да си чýдиши сáм, и вéлиши: Шт'ó да чúнам, шо нéмам дéка да си прибéрам сéдбата? Рéкал: ки и расúпам амбáрут, да ки прáвам пóгулем, да тáму ки и прибéрам сăта рáна* [MV(K),276]; **2. 'земе со себе'** ~ *А па-еднá нáша бáба, систрăникá, óна гă-ддéли дăдúка нă-нéкуј дóктур уф-Кýкуш. Она устăнáла, си-прăбрáла пáрте, сјáа úма фáбрика зă-пăпуци уф-Атúна. Е-е óна збрáла пáрте, от-тугáј сúчко устăнáло* [ПК,2(Крец-308)] – употреба на лич. зам. **она** со значење на полната форма за директен објект 'неа': **óна гă-ддéли дăдúка** наместо 'неа гă-ддели...', што зборува дека системот на падежни остатоци кај заменките во Долновардарско е сериозно нарушен; ~ *и тó шо ми милýва на мéн, ки си милýва ут Тáтко ми; и-јáс ки гу милýвам на нéгу, и ки му прибéрам на нéгу сус мéне* [MV(K)319] – во контекстот имаме уште еден пример за проширената употреба на заменската форма за дативен предмет **му** наместо формата за прав предмет 'го': **ки му прибéрам на нéгу** (м. 'ки гу приберам'); ~ *рéкăл нă-óцăта: "Зáшчо-е вó мăлéчко кóтле, бре уцá?" А нă-тó óцăта му-рéкăл: "Рóди, кумшúа, ăрăнúăта рóди". А нă-кумшúăта árно му-дóшло и сúă-прибрáл ăрăнúăта зájно су-кóтле* [ДК,154]; ~ *дóшал Човéшноу Сúн да прибéри загубéнито. Ка вéлите вúа? Аку му сă чúни на нéкој да úма стó óфци, и да си загúни идéн ут нúх, не устáва деведéјсет и дéвет, да ки киníса пу планúнити, да пáла загубéнито?* [MV(K),262]; ~ *óни кá стăнáле сăбájле, глéдăт – нéма мóмичка. Дéка ќа нájдăт? Едно врéме слýшат кá плáче вóнка, нă-кóло нăдéнна. Кá видéле от-éј жúва, а-рăзвијáле – сáмо нă-курéмо мáлце бúла судéрăна. С-ја прăбрáле* **[ПД(151)]**; ~ *Гувори́ Исус да а ричé на нéа: Мáрта, Мáрта, пичáлиш и си размăтиш óмут за нóгу рабóти, идéн сáл трибýва. Или Марúа и прибрá árноуто дéл, шо нéма да сă раздéли ут нéгу* [MV(K),292]; **3.** 'пречека, покани да влезе дома' ~ *на тóа врéми, флизé Исус на иднó сéлу, и иднá жéна, му велјáла úмито му Мáрта, гу прибрá на нéго дóма му. И вá úмаши и иднá сéстра, а велјáла Марúа* [MV(K),292]; ~ *си качú нáврац иднá цăрнúца да гу вúди, óти у-тáму ки замúниши. Да кá дујдé Исус на тóа мéсту, при-*

глидна́ да гу виде́, и му сă ре́кал: З..., бắргу сле́зи си, о́ти ва́ден ми и на ку́ката тфо́ја да си до́јдам. И слизе́ тарчани́к, да гу прибра́ радо́син [MV(K),280]; ~ *за́шо угладне́х, да ми дадо́хти да ја́дам, же́дин бех, да ми напуи́хти, бе́х јабанџи́а, да ми и прибра́хти, го́лин бе́х, да ми убличе́хти* [MV(K),282] – во текстот имаме уште еден пример во кој нерегуларно и непознато за други говори, се јавува суфиксот **-ин: го́лин** наместо 'гол'; ~ *он не́ бе́ши ви́дело, туку́ да на ка́жи за ви́дело. Шо и ви́дело исти́нцко, шо му сфе́ти се́кој чо́век шо и уф инса́нот, и инса́нот зарди не́го са чини́, да не́ гу пузнаја́ле. На пузнаја́тите дојде́ да не гу прибра́ле* [MV(K),251] – проширена употреба на предлогот **на** наместо 'кај': **на пузнаја́тите дојде́**; 4. 'среди, зема под грижа' ~ *се́дум де́на сидек, ни́ ле́п, ни́ во́да; у́ста ми-путимне́лă, ќе́рка пла́ка до́ма, ја́с за-утипа́јне! Е, има́л Го́спут заме́н. Па́ са-пуврăти́к ду-до́ма, па́ си-прибра́к де́ца* [БМ(Сар),204]; ~ *И ка́ рăспра́ве о́на, ка дујде́ли нăве́чăрта, тăва́ би́ло гро́зно. Ни́сселто гуве́да ри́кат, не́ма ко́ј ди-ј-прăбе́ре* [ПК,2(Крец-308)]; **5.** 'освои' ~ *му рече: "сăкăн, јаз не сам Шамлијско делијче, а сам шамлијско девојче, јаз не сам дошал Солун да прибера"* [МС(В),98]; **6.** 'подбере' (во смисла нападна) ~ *ала татко и ја прибера, ја спанди, вел'ајке: "калек ки дојди на кавгата с мене и јаз да прокопсам"* [V,РМ,159]; **7.** 'собере' ~ *и пузнаја́хми шо и исти́нц'ко не́гувото кажува́ни. Има о́шти но́гу такфи́и шо чини́л Исус; тии аку са писале иден пу иден, тра́чам ни́то зе́мнјата ки и прибе́риши писа́нити кни́ги* [MV(K),319]; **8. пăрбе́ре (са)*** (< прибере, со редукција и антиципација префиксот при- се изменил во 'пăр-' според развиток на вокалното **р**, коешто често преминува во 'ăр') 'си замина на кај дома, односно отиде таму каде што треба' ~ *нă-то́ă другáро вéл'ум: "Лéгни уф тáа кăпи́на", сă-бутнáме тáм, лéжи ту́ка. По́нăнáки не́ма мăрдăне. Лижáме, лижáме, адно́ вре́ме, ка́ нă-зајдé слăнцăто и-ти́ă сă-пăрбрá: нă-до́ло. Ајде, тăргнáме сја́ зă-ф-се́лто* [ПД,172]; ~ *и-ни́ă стигнáме и-мурăрчáне сă-свăли́ли дă-ги-прăчéкат. Сăпрăбráме, нă-зăкăрá: нă Бăлáсца. Нăзăкăрá: нă-аднá кáрпа, ја́ кути-та́ со́ба ка́-ј* [ПД,173].

прибиру́ва* impf 'зема', в. **прибере 2.** ~ *да му ричé: А ло́шо измиќа́р и тешкови́т', ми пузнаја́ ти́ на ме́н шо жни́јам де́ка не сијáх, и приберу́ам де́ка не́ сум да́л, требу́аши и ти́ да гу да́диш на сарáфот мо́јто злáто* [MV(K),271].

прибие́ pf **1.**'отвори дупка на нешто' (употребувајќи сила) ~ *Ту́рците прăви́ја специјáлни ло́тки, специјáлни ло́тки су-укре́плени жиле́за тăка́, на́прет пу-двуи́ца дă-чи́нăт и ут-стра́ните тăка́, тăкви́ја, пла́тна жиле́зни шо́ не-мо́же дăи-прибие́ куршу́м, осигу́рăни зă-дăă-у́дрăт кули́бăта* [ВЕв,297]; **2.** 'прекине нишки, уништи' ~ *и-по́сли га-ва́рими и-а́јде ко́нци, изл'а́ва свила́. Ако на-вр'а́ми не-ги-попа́раш за-да-га извáдаш свилáта, о́н-ќиго-прибу́ши... И-то́ј се-раси́пува свилáта, копри́ната. По́што о́но прибу́шил и-ко́нцата ги-прибил. И-ту́ка ве́чи н'а́ма кра́ј* [ЛС(К),136].

прибúра impf 'присвојува, зема'; в. **прибере** 2. ~ *му-ги-земáли сúте пари́ на капетáно, тúи, дрýгити комарцúи. Тój му-вúка, детéто: "Дáj-ми еднá лúра, дв'á, ác да-фắрлам, вúка, да-вúдам зáро". Фарлúл. Шó милýва, твá, готóво. Дýбееш, душéш, сúти. Тój сè прибúра. Ни-и-прибрáл парúти* [ЛС(К),125].

приблéе* pf 'почна да блее' (јагне) ~ *Уттáм óдăт у-дéд-му и кă-сазрăувáле тáм, чинúле, и му-рéкăл, тó дéд-му, дă-óдăт дă-фáтăт јáгăнца да-зăкóл'ăт. Идну-јáгне гуфатúле – приближáлу* [БМ(Зб),199].

приближ'и* pf 'стигне наблизу до нешто (или до некого)' ~ *дojдé време, си разбол'а, веки приближи да умре* [V,PM,40]; ~ *стр'ắтуха идúн пампóр' да úди ут А мérика; приближ'аха набýн и двáта* [MS,t,86]; ~ *кóн'у сă плáш'иш'и ут с'ắнката-му и пуидúн ни мóж'иш'и да гу приближ'и* [MS,t,59]; ~ *и приближú при нéа, турú ухóто му аф момúн курéм отгóри и, когá чýл хáрно, нéтри аф мóмин курéм жáби удрéвиха* [V,PM,29]; ~ *Ама младата самовила знајала млогу, та фати на јунакот, гу удри по земјата, са чини кату бустан сас либиници, пак тја са чини падарин, гу и чувала. И ету татку и приближи ду неа и ја пита* [V,PM,279]; и: **приблизи** ~ *кога приблизила дý градо, де живел мăжо хи, пратила хабар, кунак у него да хи такмет. Граждането сă ч'удили, как таков царски ч'ул'ак шта кондиса в такавă кăштă* [V,PM,282].

приботнаит* adj 'заболен, нешто ставено некаде со притисок' ~ *и кога приближеха векu покрај касабата, у стредја пăтјут беха приботнанти три прачки, една зелена, друга жăлта и трета царвена* [V,PM,282].

прибýши pf 1.'направи дупка на некоја преграда, опна' ~ *и-пóсли гa-вáрими и-áјде кóнци, изл'áва свúла. Акó нaвр'áми не-ги-пopáраш зa-дa-гa извáдаш свúлата, óн-ки-гo-прибý-ши... Итój се-рacúпува свúлата, кo-прúната* [ЛС(К),136]; 2. (**прoбýши***) 'направи дупка во некој предмет во која може да се стави нешто' ~ *кoпрúната e-от-Кúна. Бúло забрáнетo уф-Кúна, зa-дa-нé искóчи свúлата от-тáм. Кaлýгер óн бúл, от-Гắрција. Кaлýгерo отúшал сас бастýн, прoбýшал-гo бастýнo, прáзан, и-гo-нaпắлн'ал јáјцa от свúла и-такá гo-прéнесýва прéку грáница* [ЛС(К),137].

прибắрка pf 'нагази во течност, се натопи' ~ *чаплоците ги изјали и пак навăрвили. Като много вăрвјали, стигнали ду еднă рјакă, котра била толко широка, штото ако ни сја прибăркала никак си, ни сја заминовала. Чаплоците ја прибăркали и, кога стигнали на другăта странă, станали л'уде* [V,PM,286]; ~ *като поминало л'атото, тој пак навăрвил с чаплоците и, кога прибăркали пак нăзи рјакă станали л'уде. На врăштането тој нихтјал да ја прибăрка, ами терал мјасто тјасно да најде, за да можјă да ја прихрипне* [V,PM-,286].

прибắрнува* impf 'обраќа' ~ *и т'é си сă фл'ávали с'épак у мурéту ... му гу прибăрнуваха пампóру* [MS,t,61].

привúка* pf 'почна да вика, извика' ~ *тóгăш една-змúја уткăде-нéгу, уткăде-уфицérут, нýшлеста, су-чучýл' нанóсут, замúна ут-тó кáминче надрýгту. И јáс тóгăј привикáк: "Брé, една-змúја му-вél'ăм!" И тóгăј уфицérут са-чúни: "Брé, кáква змúја?!"* [БМ(В),193].

привръ̆з'е́* pf 'заврзе' ~ *гу уд'ъ́нъ̆хми ут ни́тит'а, гу уд'ъ́нъ̆хми ут грибин'о́ и с'ъ́ за гу привръ̆з'е́ми на разбо́ју* [MS,t,7]; ~ *с'ъ́ на крусно́ту гу навиҳми, и́ш'ти да съ̆ привръ̆з'е́ на разбо́ју* [MS,t,7].

при́ву n 'парче дебела кожа со која се поврзува јаремот со гределот од ралото', в. **правој** ~ *и то́ј оти́де на бра́та му, му ве́ли: "бра́те, на́ ти а та́ја ко́жа да си чи́ниш едно при́ву за ора́ло, ча́ ја́зе го заколи́х о́лот, гу прода́дох месо́то на га́ргите и на какара́ските, а́ма кру́шата си чини́ кифи́л да ми плати́ пари́те!"* [V,MP,144]; во Кукушко запишавме: прив<u>о</u>ј [ПК,2(88)].

привръ̆зува* impf в. **привръ̆з'е́** ~ *как за бити́са с'е́тн'а привръ̆зувам пак на са́днуту кро́сну съ̆с ина́ хо́ртума* [MS,t,7].

привъ̆рну́ва impf 'обраќа' ~ *Гу-кла́ва нъ̆по́нко си́тто. Се́е ба́бъ̆та, о́на а-пу́ле удузго́ра. – "Не́муј, мъ̆р-ба́бо, му ве́ле. Въ̆рни-гу и́нъ̆к си́тто!" – "Нъ̆-мо́жъ̆м, бре че́до, не́-м-съ̆ пу́ле. Урви-съ̆ дъ̆-ми-гу-кла́ш!". Е, та́, му до́шло жа́л', съ̆-урва́ла. Му-гу-привъ̆рну́ва си́тто* [ДК116]; в. **прибъ̆рнува**.

пригизден* adj 'украсен' ~ *и фне́тре фаф пештере́та, та́м му бје́ше къ̆штата, што́то бје́ше от ади́н ка́мјан излопа́на фрет къ̆штата, и бе́ пригизде́на фне́тре съ̆с сја́какви прилиги́и* [V,PM,259].

пригле́де pf 'изврши преглед за да се констатира извесна состојба' ~ *слугѝните ви́кат: – Ца́рскъ̆та мо́ма – те́шка. Ут-чуве́к нъ̆-чуве́к нъ̆-бъ̆шта́-ј се-чу́. Ца́рут ви́ке адна́ ба́ба дъ̆-га-пригле́де. – Аку-ј те́шка, ви́ке ца́рут, ки-а-зъ̆ко́л'ум* [ВК,282].

пригле́дне* pf 1. 'упати поглед' ~ *и ве́ли на ни́х: Еля́јте пу ме́не, и ки ви чи́нам на ва́с риба́ри на л'у́дите. И о́ни на то́а ча́с ско́ро еми́н* (веднаш) *си устави́ле гри́пот, ути́доа пу не́го. И ка́ си приглидна́ по́нака, а виде дру́зи две́ бра́тќа* [MV(K),263-264]; ~ *да и пувел'а́ на сфе́тут да си наре́дат уф тре́вата, и́ли зе́ ти́и пе́т лебо́ви и две́те ри́бички, и приглидна́ на не́бито, благосови́, и скарши́ да му даде́ на Учени́цити ле́пот, па Учени́ците дава́ле на сфе́тут* [MV(K),266]; ~ *по́кулајно да помѝни фо́ртомата уф и́глата, ни́биле зингѝн'от на Господи́нова ца́рштина да флези. Учени́цити не́гови, си чу́диа но́го... Му приглидна́ Исус, ем риче́ на ни́х: Уф сфе́тут во́а-ј мъ̆чно, и́ли ут Бо́га съ̆ти колајна* [MV(K),269]; ~ *си качи́ на́врас идна́ цъ̆рни́ца да гу ви́ди, о́ти у-та́му ки замѝниши. Да ка́ дујде́ Исус на то́а ме́сту, приглидна́ да гу виде́, и му съ̆ ре́кал: З..., бъ̆ргу сле́зи си, о́ти ва́ден ми и на ку́ќата тфо́ја да си до́јдам* [MV(K),280]; **2.** 'се обрати со внимание' ~ *и ре́кал М...: Голе́мо и сърцѝто ми на Го́спот, и радува́ла ду́ша му кри Бо́га мо́јо уткина́ч, о́ти приглидна́ на на́јдо́лна измиќа́рка не́гува. Ету ут се́га на́ка съ̆ти роди ки ми благосо́ват* [MV(K),301].

пригле́жде impf, в. **пригле́де** ~ *слугѝните ви́кат: – Ца́рскъ̆та мо́ма – те́шка. Ут-чуве́к нъ̆-чуве́к нъ̆-бъ̆шта́-ј се-чу́. Ца́рут ви́ке адна́ ба́ба дъ̆-га-пригле́де. – Аку-ј те́шка, ви́ке ца́рут, ки-а-зъ̆ко́л'ум. Ба́бъ̆та пригле́жде – те́шка мо́мта!* [ВК,282].

приглиду́ва* impf 'надгледува, обраќа внимание' ~ *и извъ̆ди́ја пишто́л'те и къ̆жа́ја: мо́ра да-ръ̆бо́тиш су-на́с. И јас му-риче́к: нем-ма-кла́вајте у-тъ̆ква́ при́мка, на-мо́жъ̆м, си-и́мъ̆м дро́бни де́ца, са́къ̆м и ку́јќта да-си а-приглиду́въ̆м* [БМ(Сар),204]; ~

вéлеши: Кój ми а фатú рýбата ми? И му вéлеа на нéгу Ученúците: Глéдаш инсáнут шо ти тúскат, да вéлиш: кój ми фатú? И приглиднýаши да а вúди на жéната шо му а фатúла [MV(K),324].

приглитни pf 'она што го има в уста преку хранопроводот го внесе во стомакот, проголта' ~ *и змиата му вели: "ти са мол'а, јуначе, отсечи ја ламјата на две комадја да ја приглитнам, ча цјала не мога да ја глътнам, да сетне јазе знам, што да ти дам"* [V,PM,181]; и: **приглътна** ~ *тогај чобанот го зе каминчјато сос много радост. И го земаха пак трите јунаци, го занели до морету, пак риби станаха, го приглътнаха, кату напрјат* [V,PM,170]; ~ *и тójнака земá влакнáта, ги фърлú отпрéт кýчинто, влакнáта са чинúха верúги, и сá вразáха кýченто и кóн'ут. Тогáс и нéгу лáмјата гу приглътна* [V,PM,144].

пригóр adv 'угоре' ~ *и му-вéле нъвълкут: "А бре вълк, дъ-дójш умéне дъ-вúш, áма нéма дъ-съ-испулиш нъ-тáвънут ич, зáшто úма пúпер, ки-ти-пáдне у-óчте". Ама úтер вълкут пу-трó, пу-трó съ-испýли пригóр* [ДК,143].

пригóтви* pf 'спреми, уреди' ~ *сýтринта стáна дéтто утúдé нърéкъта, фърлú въличкъта, фатúси пáк дрýга рúба. И дујдé дóма, пригутвú рúбъта, истъргá га, ръстърбушú-га. Нъјдé вътре еднá чéша* [ВК,281]; ~ *мъжъ-хи рекъл: "ъку-ти-кáжа штá-ýмр'а". Тá билá лóша жéна и му-реклá: "Нéка дá-умрéш, ъмá-úскам дá-ми-кáжеш". И чул'áка са-приготвил за-умирáчка* [ВД(ГБ),331].

пригувóри pf **1.** 'одговори' ~ *úди Исус, пóртите, бúле затворéни, да застанá уфстрéт на нúх, да рéкал: Мúрно на вáс. Нáпъкун вéли на Томá: Дóниси вáка пръстот, éм вúди ми и ръцити, да нúм съ чúни низвéрнин туку верувáн. И пригуворú Томá, да му ричé на нéгу: Ти си Стопáн, Ти си Гóспот мój* [MV,K,337]; **2.** 'зборне проговори' ~ *и от неа му дошла един кат такъм руба, штото царјут не имал таквас руба, да така изл'ази пред царјут. И царјут, кату гу виде, стана прав со сичкиот аскер. Но арапинот ниту стана, ниту са потмести, зашто уклава ламјата. Седнаха сос царјут, приговорихa* [V,PM,222].

прúгур* m 'место со слаба почва каде што **прегорува** посеаното'; исто така: **пригурлúво мéсто** [ПД(129)].

пригýшне* pf 'стави во прегратка, загрне' ~ *дечúјнта умрéја, а кóга дујдéла мájк-му за-да-ј-надóе, шоки-вúде: дéцта умрéни и тóг-и-пригушнáла и умрéла врс-нúх* [БМ(Тр),205]; в. **пригърни**.

пригърнат adj 'кога некој е земен во прегратка, гушнат' ~ *тој утрината га пита жéната му: "марú жéну, гу пýсна зéтјут, дéка ти рéкох?" Жéната му вéли: "е, ъанúм мъжју, кату гу вúдох сóс момáта пригърнат, нифтјáх да му рáсипа кéјфот, пýснах нáште дјáца"* [V,PM,146].

пригърни* pf 'го опфати и го притисне до градите' ~ *жéната му, как гу вúде, гу пригърна и му вели: "áх мъжу, што чини тúнака, си загуби?"* [V,PM,32]; ~ *тóс в'éч'ер на врът ќерамúдит'ъ úсъ тантанúсам, алá ýтр'ъ в'éч'ер сък паш'óвата мóма úсъ куц'акладúсам ('за си пригърнам')* [MS,t,54]; ~ *и л'у гу виде момата, излезе сама вънка, гу пригарна, гу зема нетри, та тогас татко му позна, какви гул'ами синови имал* [V,PM,223]; ~ *кугá ја*

ви́д'ạ фо́тографи́јата да ја пригăрна, фáти да плáч'и [MSt,25]; ~ *вид'ạ дјáкут и тój ја пригăрна и т'á му р'éч'и: "ц'ál вéч'ăр сă тója!" и с'éднаха да идáт* [MS,t,68]; ~ *и пóпут ут рáдус ја пригăрна и т'á му вили́: "ми сă в'ăсаш', ц'ál вéч'ăр нáш'-и"* [MS,t,68]; ~ *фатила да вели: "вạај, мале, мила мајко, јазе не сам мајсторка, што ми велиш, но сам твоја милна керка..." Така кату чу мајка, еднош са припусна, ја пригăрна, ја бакна меíу двете очи, и еднош двјата заикнали: тамо и душите им излезоха* [V,PM,196].

пригăрнува* (и: **прегăрнува**) impf, **в. пригăрни** [MS,s,88]; ~ *на пăтот а срете Илија, незнаена дилија, и вели: "а бре Сраулица млада, блазе-ị на тој млад јунак, што ти прегăрнува твојта бела примена"* [MC(B),96].

прид prаер, **в. преди, пред** 1.'напред, накај предната страна' ~ *пăтникут шо има... застанато, да гу распулја чуднјут извор, шо така ич не чикано му испаґа прид* [ME(P),69]; **2.** (временски) 'покажува блискост по време, но во смисла на порано' ~ *ду-прид 15-20 гудини бејзте териа бејлик* [ME(P),89]; ~ *прид прустечката су Пытирбург нија су Лазар, чунким лагахме (да гу устаиме там), оти за него вике нема вăрнувачка, чинима нает да вијме, сè шо има по-билижито* [ME(P),68]; ~ *за то прид кинисувајнето му удрих иден телј: шо права да права... поскоро да са најда на Пытирбург* [ME,67]; **и: прăд** ~ *Глéдум бáба гă-нéма. Вéл'ум: "Дéка-ј бáба?" "Е, умрé бáба-ти, вéле, тáм гăзарија́х уф еди́н ендéк, гă-пукри́х". Ет тăквó нáшто бéгине би́ше. Ká дујдé тáтко, тáа зи́ма тóо би́ше прáд Митрóвдин* [ПК,2(Шт–249)].

придáва* impf 'изложува некого на немилост' ~ *рéкле на нéгу: Зáрди Исус Н...-а, шо сă чини́л човéк Профи́тин, стрáшин на сéкој рабóта и прикáзна крă Бóга и на сăто инсáн; ка гу придавáле на нéгу Книгови́тити и Спарéити нáши на тéшко умрéш, и гу кувáле наврạс дăрвото* [MV(K),335].

придáде (си) pf 1. 'се најде во нечија власт, предаден од некого' ~ *Да как си флéгле, не а најдéле снáгата Господи́нова Исус ... Нéма гу тýка, тукý станáл. Мислéјти как ви кажувá на вáс, óшти на Галилéа бидéки, шо вел'ál: шо Човéшноу Сúн úма да си придáди на грéшни л'ýди уф рăцити, и ки си убéси навраз дăрвото, и на трúта дéна ки ужúвéи* [MV(K),333]; **2.** 'самиот се предаде кај некого што е посилен' ~ *и, кату си напила млогу вода, патката са обвăрна да ја види, и л'у са обвăрна, и заеднош свјаста му са зе и са придаде на старата самовила* [V,MP,280]; ~ *и сичката околиа отидоха, са поплакоат на царјут от них. Царјут прати млогу аскер, дека да ги најдат харамиите да ги утепат... Сички ги отепаха; Дили-Димо сам остана, виде, ча инак не можи да чини сам на царските човеци са придади* [V,MP,66]; ~ *уфсéло Бáбјăни се-сфăли́ Димúтре Бăбјáнски... и дујдé на-тăквú, ду-кунáкут шọ-гọ-úмаа, шọ-бéа Гéгите... Му-викнá Димúтăр дă-се-придáдат, дă-утвóрăт* [BEв,295]; ~ *змéо се-зачудúл и си-помислúл óти Ґýптино е-ствáрно нóго сúлăн. Ама пák нé-сạкáл дạ-му-се-предáде, нạ тóлкаф чувéк дạ-му-признáе óти е пóсúлạн* [ВГ(Мир),272]; ~ *Кạ ќи флéзе дóма ти дă-ј зéмиш – ќи-т сă-прăдáде нáпкум. А зимýве кушýл'та и вóа*

му сă прăдáаве рóп нă дéтто [И-Г,114]; 3. 'одреди, даде' ~ *и крапачинот и повел'ал, зарди неговот касмет да хварли гемеџиата мрежата, да види, што ќи хванат и на негово касмет. Се хвана еден ќутук... сиромахо рече им на траговџите: "Бог това ме предал за касмет мој, ќи го зан'а на дома ми"* [V,PM,242]; 4. 'даде нешто за пари, продаде' ~ *ка фатú да а вúка идéн пу идéн да а пúта, му дујдé идéн шо му длăжиши дéјсет илјáди грóшови. Чýнки нимáле да му и дáди, пувел'á цáрот да сă прăдáди, и на нéгу, и на жéна му, и дéцата му, и сè шо úмаши, и да си плáти бóрџот* [MV(K),268].

придáфка f, bot. ~ *тá-ј трéва бис лúста, úма сè цéвички, цéвичките аднá уф-дрýга сă-нăддáват* [ПК,-2(88)].

придвиде pf 'предосети, почувствува' ~ *"Тáтко-ни ни-кăжýвăше, тó шóни-и пáрăтáтко. Он нè-нáшол пу-Вáрдăр у-сăндýкут; и нúја стăнáме, шó вúкăт, óн кă-ни-гупручитýвăше тó сăндýк дéка цáрцки сăндýк, áј и нúја придвидéме дéка óна ни-и-мáјка"* [В-Ев(Кр),302].

придвăрúтелно adv 'претходно, понапред' ~ *и Димúтре вујвóда мивéле "Мúцо óди зéвăј ăднó кúло ичумéн". И јáс утúдих, зимáх, гутувăрúх мăгáрито, дунсéх. А придвăрúтелно, вéле, ká фăтúја тúја нáште нă-вáште, вáште нă нáште, нáште нă-вáште, тúја вáште пцéта, ричé, рăнúја идéн уттúја нáште* [ВЕв,296].

придејне n 'дејност кога домаќинката со помош на направа (*рудајн* или *фурка)* од волна или памук прави конци што ќе ги користи за плетење или ткаење' [ТГ,361].

придни́к m 'положба некој да биде пред другите'; сп. изр.: **му-да́ва предни́к** (= го фафоризира); ~ *зимáјтмо придни́ко мáлце, дé, шó-ј тóо уд-нéго, кут нéкуј питéл, сè óн знáа, сè он мóже* [ПК,2(171)].

придăржáве* impf 'помага, дава подршка' ~ *кăрáме, кăрáме ду-Димúр Исáр, на-мóсто. Растýрин мóсто глáвин'о, нă-лóтки нăпрáвин, та цăндáре тýрски, тáм куту рóбе пумáгат, бýтат на наródo, дапрăкáрăт дубúџте... Бéге бугáрскăта вójска вúке, изгубúа вúке, мóж дăпридăржáват, áма тóпуве нéма бугáрски, устăвúли-ги на-Гăрџте* [ПК-,2(Мор–219)].

приева impf, в. приéме, 2 ~ *като заминал от другăтă странă, питала го: "Каде шта идеш, синко?" Тој и на нејă казал сичкăтă си патилкă, и чи вăрвјал да идјă да сја пита при слăнцето, што да прави. Рјаката му рекла: "Молим ти сја, синко, да питаш и за мене слăнцето, зашто ни ма приева морето?"* [V,PM,284].

приéме* pf 1.'дочека' ~ *Кулуф л'у гу вúде, стáнá прáв, такá и женáта му, гу пријáха сос млóгу радост и млóгу цириóн'а му чинúха* [V,PM,12]; 2. 'прибере' ~ *му-вúкат: "Тáм úма едúн чов'ák лéжи и-пúши нацáб'ата со-едúн úдар четрúиси дúши". Тúа му-вúкат: "Па-нé-и лóшо да-го-повúками. Кáко јунáк саснáшата грýпа да-се-склóпи"... Глáвниа вúка: "Нáшто дрýштво такá се-сложи, да-ти-прúмми сонáс áко милýваш"* [ЛС(К),116]; ~ *Шăтájки дујдéл нă-нéко пристáнишче, испăднáл уф-нéко сéло. Бúло дóцкăна и то тăргóвăцо видéл дéка свăтé уф-нéко кăшча... фл'ăзéл уф-двóро и-чукнáл нă-врáтта. Тú испăднáле, гáздите, и-о-прăмáле нă-*

го́сте [ПД,151]; **3.** 'добие' ~ *магесниците това гу чиниха, за да погубјат Мајдона. Ама Бог кога сака еден човек да гу чини, да прима или царчина или друга слава, колку душмани да има, пак не могат ништу да му чинат* [V,РМ,74]; **4.** 'прифати', в. **примини** ~ *и, му-зи́ме а́дна гуле́ма кни́га, тъ́ква́, мунапи́шуве о́н адн-а́рно, о́н ка́ зна́а. Нъ́-жена́-мо пи́ше сја́а: "То́о де́те ка́ ко-при́миш, пра́во до:-избри́чиш, до:-ублечиш, до:-напра́виш и зе́т. Дапо́чниш и сва́дба"* [ПК,2(Ним–272)]; и: **при́:ме** ~ *ти́ъ́ иу-ди́шме, ни́ъ́ – ръ́нки (ги викаме), пръ́ку-ни́х мина́ва, та́м о́де (воздухот), бе́л'о: дро́п ли, цъ́рн'о: дро́п ли, дро́п, дро́п. Бе́л'о дро́п при́:ме, а цъ́рн'о, о́н си-сто́:. Це́р ви́къ́т Ту́рците* [ПК,2(Грам–238)]; ~ *и, фа́јке, фле́ве къ́рако́нцалта гъ́-изе́дъ́ве мо́мъ́та. Та́јчка, дру́гъ́та: ку́чинце, ма́чинце прима́ла и с-јудде́ла ублечинка. А та́а шо не́ прима́ла, къ́рако́нцулта и ги смута́ла цре́:фта ут-ко́л нъ́-ко́л, ут-къ́ма́ра нъ́-къ́ма́ра. Та́м с-јустъ́на́ла, у́мрина уф-вудини́цта* [ПК,2(Иц-286)].

прижа́ли* pf 'го сожали, почувствува жал' ~ *гу-зе́ва де́тито то́. То́ дъ́-ти-би́де дја́ул. Гу-зе́ва на́тре у-ду́пкъ́та, гу-зъ́не́си де́тто. Пу́ле – ни́кој две́-три́ чу́пи ра́јзбој тка́јъ́т. Къ́-гувидо́а чу́пите: "Ауу, тъ́кфо́ де́те!", гу-прижъ́л'а́ја* [ДК,140]; ~ *пувел'а́ царо́т да съ́ пръ́да́ди, и на не́гу, и на же́на му, и де́цата му, и сѐ шо и́маши, и да си пла́ти бо́рцот. Тогда падна́ измика́рот да му си мо́лиши на не́го: Афе́ндо, ти съ́ мо́л'ам да ми че́каш... И прижал'а́ царо́т ви́ки на измика́рот да гу пушти́, и сѐ шо му дла́жиши му башладиса́* [MV(K),-268]; ~ *на то́а вре́ми, виде́ Исус но́гу л'у́ди, и прижал'а́ на ни́х, и му лекува́ на бо́лнити лу́ди. Ка замрькна́ ви́ки, му дујде́ле Учени́ците не́гови да му ве́леа: Ме́стото устана́ ви́ки пусталиа* [MV(K),266] – проширена употреба формата за неправ предмет **му,** освен во дативни (што беше и досега познато) и во акузативни конструкции: **му лекува́ на бо́лнити лу́ди** (м.: 'ги лекува'), во истиот пасус имаме уште една посебност: правиот предмет е придружен со предлогот **на: лекува́ на бо́лнити...**

прижал'а́н adj 'тажен' ~ *Ричѐ на не́го Исус: Аку са́каш да би́диш досто́ин, о́ди си, про́дај си има́нито, и да́ј-му гу на сирома́сите, и ки на́јдиш има́н'о на не́бито, и е́ла пу ме́не. Ка слуша́ мла́дјот ла́фот, си ути́ди прижал'а́н, о́ти и́маши но́го има́н'о* [MV(K),268]; ~ *ка́ гу виде́ Исус шо съ́ чини прижал'а́н, ричѐ: Те́шку да си о́дат зинги́нити л'у́ди на Господи́нова царшти́на. Оти по́кулај и́ма да си замини спарти́ната курабарцка уф и́глицки у́шите, ни́биле зинги́нин да флези уф царшти́ната Господи́нцка* [MV(K),279].

прижи́ве pf 'го истера векот, проживее' ~ *нъ́-дваја́ъ́т дивѐти дујдек у-Ско́ња, ду-Но́ва гуди́на умре́ ступа́нут. Е, ка́к мо́же гла́ва да́-са-кре́не уд-ва́ ра́бо́та?! Е, па ричѐк: фа́ла Бо́го па ки са-прижи́ве не́кку, не́ма шо-да-пра́въ́м, не́ма шо-да-сто́ръ́м, та́к ки-би́де* [БМ(Сар),205]; и: **пръ́живе́:** ~ *нъ́-дру́гъ́та ве́чъ́р: въ́лко, ме́чкъ́та, за́јците, си́т съ́-изриди́ле. "Ими, ръ́че́ле, ти ки-нъ́-ра́ниш уф-та: да́лга зи́ма и-тъ́ка́ ки-пръ́живе́ме. Ни:, шо́ки-ти-путре́бе нъ́-те́бе, ки-ти-спумо́гнъ́ме* [ПД,154].

призде́лува* impf 'се изделува' ~ *и съ́ наближи́а уф се́лото шо о́диа, па о́н призделу́ваши дале́ко ут ни́х да си о́ди. Да му съ́ мо́лиа на не́го е́м ве́леа: Ела су на́с, о́ти*

умрақна́, и пумина́ де́нот [MV(K)-,253].

призе́ми* pf **1.**'дочека' ~ *и ка́к гу ви́де господа́рот, сос мло́гу ско́рос излезе́ дол, гу призема́ сос мло́гу радос* [V,PM,24]; ~ *кату виде дјатенто тамо царјут, да рече му на змиата татко ѝ, тос си оплашил млого. Змијата му вели: "варај, јуначе, што толко са си оплашил?" Му даде познание на татка ѝ, за да го приземи дјатенто сос голема слава* [V,PM,181]; **2.** 'прифати под своја контрола' ~ *А ма-ја́с шо́ си-клӑде́к на-па́митут, си-ве́л'ӑм ам' аку-прудя̆лжӑт сусна́с да-ѝдӑт ти́е му-са-фӑлбӑза́ни, а аку-заста́нӑт та́м ни-ј-упа́сна рӑбо́тта. Во́ пу-на́с – де́к заста́нмӑ ни́е и о́н. Е, не́јсе, та́ мина́ шомина́, на-призе́ уфице́рчиту* [БМ(В),192].

призѝре* impf в. **прӑзирне** ~ *е, во́ ут-та́м, де́ка ќи-на-но́се, – на-но́се на-то́ ме́сту де́ка-и скри́мӑ али́шта, де́ка-и устави́мӑ пу́шките... на-то́ ме́сту на-но́се. Ејгиди, ма́јко, ни́е су-бе́ла у́ста, са́мо са-призѝрӑмӑ на-сра́на су-другарин-ми* [М(В),192] – проширена употреба на суфиксот **-ин**: **другарин** м. 'другар'

призо́рка f 'мал отвор низ кој може да се sирка' ~ *зи́д зидо́сано, ва́р варо́сано, ни́где ду́пка ни призо́рка* – поговорка (= јајце) [ИГ,122].

призви́зга* pf 'кога коњот пушта глас, пр. кога кобилата го бара ждребето' ~ *пу-вре́ме му-ре́клӑ же́нта-му: "Ај, ќи о̧днӑ на-го́сте у-та́тку!" –"Е, да-о́днӑ", му ре́клӑ то́. Си-и-вјајну́вӑт ко́јнут и куби́лта. Та́ куби́лта би́ла спӑрлна, и та́ же́нта би́ла тру́дна, та́ ко́јнчту са-заумури́лу, призвизга́лу* [БМ(Зб),199].

прија́де (са) pf 1. 'кога некој ќе почувствува глад' ~ *а, што́ му-ричек ја́с на-то́ другарут: "Ге́ли, зе́вӑј единле́п случа́јно̧ да-н-са-прија́де, ле́тин де́н, мо́ш-да-ти-са-прија́де"* [БМ(В),191]; ~ *нӑ-лиси́цӑта и́-сӑпрӑјӑде́ли ри́би. Лигна́ла нӑ-ӑди́н дру́м и сӑ-чина́ла са́нким у́мрӑна. Пу-то́ дру́м вӑрве́ли уд-вре́ме нӑвре́ме пӑзӑрми* [ВК(Пат),285]; ~ *ра́нуту пасих улоити ко́лку два́ саха́ти, се́тн'и спригна́х, ура́х, испучинува́х, ми-са-прија́ди, запре́х улоиту сидна́х, си-наја́дух* [ВБ(Нег)-,339]; ~ *ра́нуто стана́х на-ш'е́сти, си-ч'ини́х иди́н ч'а́ј, са-напи́х, пусти́х дуби́циту на гуида́ро, изле́гух накавине́ту, пи́х идно ква́ве, се́тн'и миса-прија́ди, ути́дух до́ма* [ВБ(Нег),-339]; **2.** 'се изнајаде до ситост' ~ *зе́ти́и пе́т лебо́ви и две́те ри́бички, и приглидна́ на не́бито, благосови́, и скаршѝ да му даде́ на Учени́цити ле́пот, па Учени́ците дава́ле на сфе́тут; и си́ти јаде́ле, и си прија́де́ле. И што артирисува́ле кума́ти, и крина́ле, и убра́ле двана́десет ко́ши пӑлни* [MV(K),266] – во текстот имаме две посебности, едната морфолошка: проширена употреба на множинската наставка **-и**, и кај едносложните именки (**коши**): **двана́десет ко́ши пӑлни**, другата фонетска: обеззвучувањето на гласот **б** (> 'п') во финална позиција се пренесло и во членуваната форма: **даде́ на Учени́цити ле́пот**.

при́јде* pf 'намине, отиде' ~ *и мо́мчето ви́ке: – Ка́ се-зӑса́ках сурцарската мо́ма и се-дуближѝ- ме. И е́с прија́дех при-не́ја. Арно а́ма, та́а излаж́а́-ме, зима́-ми че́шката, удари́-ми ади́н шӑма́р* [ВК,284].

пријӑни́са (и: **пирјӑни́са**) pf 'пресече дрво со пила' [MS,s,88].

при́ка f 'свадбени подароци што ги носи невестата', в. **пирки́ја, прике́** [MS,-s,88].

прикади* pf 'помине со запален темјан низ некој простор' ~ *га го виде от далеко ошти Зарзавил, ч'а иди с невестата, много си нал'ути. Зере, кату идиши детенто с невестата, и́ каза сичко... – "аку умра, да ми прикадиш, пак ки станам"* [V,PM,158].

прикаж'а́лин m 'тој што многу зборува, односно што озборува' [MS,s,89].

прикажи́ште n **1.** 'приказна'; **2.** fig. 'нешто многу убаво, изненадувачки' ~ *адни у́буви о́чи, за прикажи́ште* {ПК(Крец)}; сп. изр.: ~ **та́а мо́јта-j за́-прикажи́ште** (= мојата работа е чудна, како приказна) [ПК,2(199)].

прика́жи (си) pf 'се покажа' ~ *ре́кал на ни́х: Шо така́ бе́ши писа́но, и така́ му би́ло да са́ ма́чи Христос, и да уживе́и ут умре́ш на три́та де́на, и да си прика́жи на не́гувуто и́ми пукају́чката и просте́нио за гре́хови на са́то инса́н* [MV(K),335].

при́кажни́ца* f, в. **при́каз**, **приказна** ~ *то́ де́те са́кало да́-у́че. Ма́јкаму гу-пуштувала на́-у́ка д-о́де. Е, де́к к-о́-де? Гу-пушти́ли уф-не́кој буна́р де́тто. Има́ло до́л на́ро́т. Та́ка́ прика́жува при́кажни́ца, на́до́лн'о све́т* [ВК(Мал),290]; ~ *бе́, та-ли-j ра́бо́тта, за́-мо́ма са́те́на́те. Ела, ра́че́л, ас ки-ти-д м два́ гра́ста на́ри́, са́мо та́ткувио мијур да́-ти-гу-у́друм на́-га́зо. Та́ква́-j пра́ка́жни́ца́та, ја́. И то са́-за́вра́тува на́-та́ка́, на́-та́ка́, не́ма ни́кој, смакну́ве га́шчите, мууждире еди́н мијур* [ПД,151].

при́каз f **1.**'расказ, приказна' ~ *б'а́гај, б'а́гај ут ку́ч'анта́та да м'а ни изида́т и м'е́н'а – и бити́са ве́јки прикаста́* [MS,t,88]; ~ *и така́ остана́ла при́каз, да га приказу́ват на сирома́си чове́ци и, аку на́јдат не́што, да зна́јат ка́к да гу па́стрјат* [V,PM,19]; **2.** 'животна приказна' ~ *и така́ ути́ди Ифти́му у гура́та с'е́тн'а да ни гл'е́да хи́ч' л'у́ди за да са́ ни гр'ахо́ва и та́м са́ пусф'анти и му бити́сува н'е́гува́та при́кас* [MS,t,44]; ~ *и бити́са ве́јки мо́јта при́кас* [MS,t,6].

приказа pf 'изнакажа', в. **прика́зува 2.** ~ *утрината нивјастата си зарадува, отиде на мајка и́ и на татка и́ ра́нка бакна, си зарадуваха сите. Тогас јунакот му приказа на царјут сичко, што и проминал приз неговата глава* [V,PM,187].

приказна f **1.** 'сторија, некаква содржина, обично измислена', в. **при́каз 1.** ~ *дека по приказната са напија вода Артаксеркувјут аскер, ут коа се јсуши Галик* [ME(P),72]; ~ *има турли-турли* (= различни) *приказни ка бивале та́квија ра́боти* [ME(P),-77]; ~ *и чу́пата му-ве́ле: "Ја́с ки-ви-ка́жа́м ина́-прика́зна, ама ки-за́тфо́риме вра́тте. Не́ма ни́ку д-излезе уттука дур-д-а́-сфа́ршам прика́зната"* [ДК,145]; и **прикажна:** ~ *и така остана негова прикажна наша примаслицата* [V,PM,47]; ~ *и приказу́ваха на́ си́чки та́ја прика́жна, и са чу́деха какво́ чу́до са и чини́ло* [V,PM,145]; ~ *ниа имами адет: едната страна брашноту гу мјасими, една пита ја клавами на вогинот да са пиче; и ниа са прикажувами* (погрешно пишува: 'прикажуваму'), *и кој ки надвии на прикажните, земува питата* [V,PM,202]; **2. 'сеќавање, раскажување'** ~ *гу имале не са́л са́т Постул, пу приказните на наште силјајне, ми дистина́-два́најсит села на́окулу* [ME(P),85]; кај Тановиќ **праказна:** – зимно време по вече-

рата жените предат, влачат или нешто шијат. Мажите раскажуваат различни *праказни, пеат песни или си кажуваат гатанки,* пр. еден прашува што значи: **Една квачка, един питилак и една пул'ка?** – одговор: семејство во кое има: жена (*квачка),* маж (*питилак*), ќерка (*пул'ка);* или: **Един курдак, две питлијна, две кукошки, едно непрапијано петле и две пул'ки** (*курдак* 'вдовец', *питлијна* 'мажи', *кукошки* 'жени', *непрапијано петле* 'младич', *пул'ки* 'девојки') **[ТГ,290].**

прика́зува* impf 1.'зборува' ~ *там д'е́ прика́зуваа: идѝн така́-ји сто́ра̀л ... дојди риндо́ и на д'ӑт'а̀ту да ка́ж'и* [MS,t,12]; ~ *и приказу́ваха на́ си́чки та́ја прика́жна, и са чу́деха какво́ чу́до са и чини́ло* [V,PM,145]; ~ *им ве́ли сос за́тресна гла́с и со́с расѝпано о́браз: "господа́ри, динеска ви приказу́вам и казу́вам прет ва́с, ча то́с сиромах не́ма н'а́кој кабаа́т!"* [V,PM,28]; ~ *ва́зи д'е́н' прика́зуваха дур умрӑкна* [MS,t,11]; и: прикажува ~ *ниа имами адет: едната страна брашноту гу мјасими, една пита ја клавами на вогинот да са пиче; и ниа са прикажувами* (погрешно пишува: 'прикажуваму'), *и кој ки надвии на прикажните, земува питата* [V,PM,202]; ~ *то́ дéте сӑка́ло да́-у́че. Ма́јка-му гупуштувáла нă у́ка д-о́де. Е, де́к ќ-о́де? Гу-пушти́ли уф-не́кој буна́р де́то. Има́ло до́л нӑро́т. Тӑка́ прика́жуве при́кажни́ците, нӑ-до́лн'о све́т* [ВК(Мал),290], односно: **пӑрка́жуве** (< прикажува; префиксот **при-** со редукција и антиципација поминал во **пӑр-**) ~ *И-тӑка́ ѓа́вуло гу-пӑдна́л мӑка о́ти то́лку а́рно дӑ-пуми́нӑт. "Бре́, ричел, ја́с ти́а ки-ги-нӑпра́вум, а́ма дӑ-си-иска́рӑт о́чите". И-тӑка́, уф-еди́н'о, уф-то́ по́мӑле́чко, фл'ӑзе́л ѓа́вуло. Сто́ уф-не́го ѓа́вуло и-то́ зӑма́л дӑ-пӑрка́жуве ѓа́вулски муӑбе́те. "Ба́те, рӑче́л, куту дӑ-пра́јме кӑу́л ко́ј-е по́-а́рку̀то, да́ли до́бро дӑ-нӑпра́ве чуве́к или зло́"* [ПД,165]; ~ *не́каа же́на шо пӑрка́жуве и шо́-ј и шо не́-ј, зӑ-н'а́а ви́кат: у́дрӑна-ј ус-мо́кӑр прӑга́ч* [ПК,-2(205)]; ~ *"Јок, рӑче́ла, не́ о-са́кум". "Е, о́ти, ца́рцки си́н, зӑшо́ дӑ-не́-о-са́киш!" – "Ја́с си-и́мум дру́к мӑра́к". Нӑ-дру́гио де́н дру́к дујде́л, не́кој мини́стӑрцки си́н, па́ гӑ-са́кӑт мо́мӑта. Она-па, шо́ ве́л'ат Ту́рците: тӑши́ми, кути нӑ ка́мӑн дӑ-пӑрка́жувиш* [ПД,146]; ~ *бӑга́јте нӑ ку́го пӑрка́жӑвум?* (= иставете се на кого зборувам) [ПГ(Фур)]; **2.** 'раскажува' ~ *и така́ остана́ла при́каз, да га прика́зу̀ват на сиромаси човеци и, аку на́јдат не́што, да зна́јат ка́к да гу па́стрјат* [V,PM,19]; **3.** 'договори' ~ *све́кӑрут ќе-оти́де у-мо́ма̀та нагоди́на, на-полови́на, ко́га ќе-му-па́дне пӑт, – за-сва́дба да-се-прикажу́ва̀т. Ќе-ка́же све́кӑрут: "Ќе-да́јш мо́ма̀та, за-ф-неде́л'а сва́дба да-пра́виме?"* [ВЕвБар)].

приказова* impf, **в. прика́зува** ~ *и отишли́ фаф Ца́ригра́д. И еди́н де́н тӑј по́зара́на отишли́ на едно́ кафине́ и зафа́тили да си прика́зова̀т, и еди́на рекӑл: "Сјага́ да е такӑф ца́рја, да ми даде́ хил'а́да гро́шја и една́ хала́јтка, та да си и́да"* [V,PM,**253**]; ~ *де́тето, испи́тало ма́јка си за да и́де при башта́ си, а ма́јка му не гу пу́штала. И като надви́ло де́тето, и́спратила гу и гу прикле́ла, сас ќосе́ ч'овја́к да ни прика́зова* [V,PM,256].

при́кан'у́ва impf 'повикува, поканува' ~ *ма́јка си-го-при́кан'у́ва, ма́јка си-го-при́кан'у́ва,[а́јди Јован, а́јди си́ни, а́јди Јован да-вечера̀ш,[Јован не́ќе да-вечера̀, Јован не́ќе да-вечера̀,[о́ти н'а́ма ма́лка̀ мо́ма̀,*

óти н'áмą мáлкą мóмą,[дą-му-с'áди нą-кǫл'áнǫ [ЛС(К),131].

прúкąска f 1. 'сторија', в. **прúказ** 1., **приказна** 1. ~ *сúти берáт дăрвą, тój нé. "Слýшąjти, сóберúти-ми и нą-мéни, вúка, сити-трǫúцą. Инąчи, ákǫ пăрднą сáмǫ мăглą ќинáпрąą óвди. И не-мóжи дą-си ódими сúти". Итрúшкą рąбóтą. И тúą мóрąт дą-му-сǫбéрąт дăрвą. Тáа-е гǫл'áма прúкąскą, áмą гą-úмąм зąборáеноǫ* [ЛС(К),110]; ~ *са поклони на владиката и седна при негу... и кату кажаха млогу приказки... фатиха да хоратуват* [V,PM,38]; 2. 'случка' ~ *и-сéą гǫ вúкąт Мéчǫ, Мéчǫ. Aj, минáвą тąргóвецǫ: "Мéчǫ!" "Кąквó úми е-тóа?" Гǫ-испитáвą нą-пóпǫ тąргóвецǫ: "Зąшó-бе д'áдǫ пóпе, нą-твá д'áти Мéчǫ гǫ вúкąти", вúкą. И-тój му-кáзувą прикáскąтą: "Тąкá и-тąкá, и-тąкá. Детéтǫ кај-мéчкинą дýпкą и-лǫвúити гǫ-дǫнéсǫą..."* [ЛС(К)108] – уште еден случај на употреба на предлогот **на** заедно со директниот предмет: **"Зąшó-бе д'á-дǫ пóпе, нą-твá д'áти Мéчǫ гǫ вúкąти"**.

прики(j)а* f 'ствари што ги носи невестата кај младоженецот, фактички тоа се подароци (обично облека и сл.) што семејството ѝ ги дава на ќерката кога ќе се мажи' ~ *нă керкă му му дал 3 дела ут Постул кăту прикиă... коа а мăжил за Сăли-бег* [МЕ(Р),85]; ~ *чорбаџијке млада, ти моја агинке,[уф книга ми пише мома да не земам:[јазе да си палам млада ми дувица,[млада ми дувица сус ного прикија* [ТГ,157]; ~ *да му тераш четиријси мулита и четиријси чифта хорали празни, ча, аку да га земиш момата, сака да товариш и прикиата* [V,PM,43]; ~ *ламјата искара момата, га чини теслим на авџиолиа, му товари и четиријси товара прикиа* [V,PM,46]; ~ *"много арно колај има, ама си аџамија. Јаз да направам два товара прикија, па да оружим две бели сансани – два бăрзи кон'а за вјахани"* [МС(В),95]; и: **прикúја** ~ *сна́а ќи дóнца, нóгу прикúја [нóгу прикúја – дéвит кучúја* [МЕ(Р),93].

прикопа* pf 'со алатка за копање го обработи лозјето, нивата' ~ *дошал и ду дјадото, на котро лозето ни рăждало, и му казал, чи ни рăжда, зашто всред него има пари и ни га сја ископали. Тога дјадото зел да копајă лозето и да тера парите, та пари ни нашал, ал лозето, като сја убаво прикопало, родило много грозде* [V,PM,284]; сп. **котро** = 'кое' (лекс. архаизам).

прикрасин* adj 'многу убав' ~ *барлúвоју сóс áнгел Бóгув отúде прéд Гóспода, му са поклонú. Гóспот речé нá áнгел, да гу шéта на прикрáсни сарáја и áф бахчáта. Ангел кату гу шéташи нá барлúвоју, барлúв најдé еднá свúрка тáмо, га земá и отúде на Гóспода* [V,PM,126]; и: **прекрасин*** ~ *Се хвана еден ќутук... сиромахо рече им на траговците:"Бог това ме предал за касмет мој, ки го зан'а на дома ми"... Еден ден не си отиде на работа, ала чуваши ќутуко, да види, што ки излезе от него. Дека чуваши това, бјаши излела от ќутуко една прекрасна девојка* [V,PM,242].

прикрăсте* pf 'го смени името' ~ *óн, сирумá, нимáше рудни́ни д-óде и дă-му-грéдăт у-гóсти, а и нимáше џăмúа, бăрем дă-сă-пуклóне. И идну-дéн дóшăл влăдúкăта, сă-субрáло сéлуто и сăти зájно су-Асăн тúшле у-џăркфа и инăпрăвúле сăти ăдéти кăко-шу-е*

ре́т и чо́ику уд-Асăн гу-прикрăсти́ле у-Јо́вăн [ДК,153]; в. прăкрăсте.

прику (и: **преку**) ргаер **1.**'упатува на простор каде што се врши некое дејство: низ, преку' ~ *кăде ше́таш мури лу́до, прику во́да [прику во́да, мури лу́до, прику ре́ка* [МЕ(Р),99]; ~ *гу-виде́ла гуле́мта сна́а прику-идна-ду́пкичка ут-та́-вра́тта. Пу́ле, ста́рјут па́ри има́л* [БМ(Зб),196]; ~ *и-се́а, ква-се-роди́ло дете́то, на́решни́цити и́дат. А-пре́ку то́а пăт минавали таргофци. Мина́л тарго́вецо сас-дести́на дванајси ко́н'а* [ЛС(К),107];~ *ви́ка: "Пре́ку џамчито, ви́ка, пре́ку прозо́рчито вле́зе, ви́ка, еди́н гăлап и-ми-се́дна нарáмото, попра́во на-де́сното ра́мо да́же, ви́ка, и-ác, о́п! да-го-фа́та и-о́н си-ле́тна, искочи од-прозо́рецо"* [ЛС(К)111]; од истиот терен е и примерот: **за-да-не́ искочи свăлăта от-та́м,** но, тоа веќе го истакнавме, глаголот **искочи** не ни е познат од други материјали од Долновардарско; **2.** 'настрана, напреку' ~ *видувајна гу оша уд далеко на аскерут ако сус кола ил сус дубитук завăртуват прико, право да се скријат* [МЕ(Р),74]; **3.** 'укажува дека нешто се случува во простор, што е над нешто друго' ~ *И мо́јто та́тко, тувăри́ме, чини́ме и сăба́јлинта ма́јка ќи-нă-јспра́те де́цта, ка́ ќи-пу́кне гăрна́тта прику ка́штта и вăло́вто, ади́нјут нă-го́ре, ади́нјут нă-до́ле о-уднисе́. Тува́рна, азăр, ко́лта с-јаустăви́ме, тăка́ избига́ме ус адна́ ду́ша* [ПК,2(Иц–282)]; ~ *прику Вардар вăрва друмут на 25 км. ут Солун* [МЕ(Р),72], односно: 'зад нешто друго' ~ *о́н виде́л не́шчу дăле́ку у-плăни́нта, ка́ту дă-му-лăска́л не́шчу. Зăто́ а-пита́л ба́бта: "Ќи-тăпи́тăм, ба́бу, шо́ лăска прику-ва́ ту́мбăта у-пла́нинта!"* [ВВ(Кр),311-312]; **4.** временски: 'во текот на' ~ *ва́лта е ни́ско ме́сто не́ко-, го́р-до́л мучури́ште, прăку це́ла гуди́на гă зăдăржуве вла́гăта. На́ште ни́ви пукрăј ѓо́л'о ва́лта ги-ви́куме* [ПД-,129]; **5.** размер 'повеќе од нешто' ~ *уф-Мура́рци и́мше две́ мли́на на га́с... Се́лто би́ше кулк пулви́на гра́т. Га́с вудини́ца му ви́кахме. Пăпуча́ре и́мше, на́што се́ло прăку петна́јсе ду́ши пăпуча́ре* [ПК,2(216)].

прику́пи* pf 'изнакупи повеќе работи' ~ *и бјазарѓа́нина пу́снал еди́н тјала́л та прику́пил л'у што има́ло фаф касаба́та сижи́ме, кана́ја, хо́ртоми, та натова́рил н'а́кој два́есте араби́* [V,MP,256].

прикупувач* m 'се вика тој што ќе купи нешто а потоа ќе го препродава' ~ *мостут укиматут му гу дава на прикупувача и тија зеват ут чувек шо вăрва... 20 пари* **[МЕ(Р),72].**

прику́тне* pf 'обрне, стави наопачки' ~ *"Е, мă-ви́кăт". – "Кój тă-ви́ка?" – "Мă-ви́кăт, ве́ле, дăкрăстăм". Она о́де – ја́де ме́т. Ти́а вуло́јте нă-мо́жăт дă-сă-се́тăт. Ајде, а́јде – се́ки де́н та́ка, ину-де́н гу-сфăрши́ла ќу́пут, гу-прикутна́ла ни́чку. – "Кă-гу-кла́ди и́мито?", му-ве́ле. –"Јăде́ш, јăде́ш – ни́чку пулупе́ш!"* [ДК,138].

прикăлна pf 'фрли анатема врз некого', **в. прикăлну́ва** ~ *на вечерта дојде слăнцето и рече заеднош на мајка му: "мале, на човек ми мириса". Тогас мајка му му вели: "нема мајко ништо. Ден вездеи л'уди глендаш по сичката земја, и о-там на човек ти мириса". Тогас мајка му гу прикăлна, за да не стори ништу на човекот* [V,MP-,199]; ~ *и они кату гу видеха* (пишува: 'ведеха' – печатна грешка), *познаха гу, че не е прост човек и*

заедноч му са поклониха... Утрината дойдоха и другите, деветнајсите братја. И на них така ги прикăлнаа за мајчиниј златин зăб [V,MP,51]; ~ *ка и видé Исус óти сă субирýат инсáнут, гу прикалнá на Дјáволот калнéт, ем ричé на нéгу: Дýхо биз глáс и глýх, јáс ти пувéлам úспадни уф нéгу, и óшт-идни́ш да нé флéзиш на нéгу* [MV(K),285]; ~ *гуворú Исус да му рéкал: А бизвéрни, а лóши л'ýди, ду кóга ки бúдам су вáс? Ду кóга ки тéгл'ам мăка су вáс? Дунсéјти гу вáка на мéн. И му прикалнá Исус на нéгу, и испаднá уф нéгу лошутúата, и си ликувá дéтито на тóа чáс* [MV(K),267] – во врска со проширената употреба на предлогот **уф** (во) наместо 'од' (во двата контекста): **јáс ти пувéлам: úспадни уф нéгу** (м. 'од него'), односно: **и испаднá уф нéгу лошутúата** (м. 'од него') в. во граматичкиот дел; и: **проклăне*** ~ *от тáм минá лéвен Мúтре,[лéвен Мúтре терзúчето,[скúна си срăка босил'áк,[нарендú ја на чалмáта,[отдă го видă Гелúна,[л'ýта го клéнтва проклéла:["Исăхнáла ти рăнкатá,[като Гéлино босил'áк!"* [ПсС(З)71]; ~ *и като застáнало нá вратата, заспáло, пáк ќосéто го пóсечи сос нóжја и са скрúи. Когá изл'áли мóмите от бáн'атá, детето сосéчено. И го пол'ала нáзика мóма от живата вóда, станáло. Свăршила са клетвата, штó са проклéло детéто на ќосéто* [V,PM,258]; ~ *дéтето, испúтало мáјка си за да úде при баштá си, а мáјка му не гу пýштала. И като надвúло дéтето, úспратила гу и гу приклéла, сас ќосé ч'овјáк да ни прикáзова* [V-,PM,256].

прикăлнат adj 'тој врз кого е фрлена клетва' ~ *тóга ки рéчи и на лéвити: Манéјтисте ут мéн прикăлнáти на вéшн'ово óгин, шо и чинéто за дјáволут и за измиќáрити нéгува* [MV(K),282]; в. **прекăлнав**.

прикăлнýва impf 'заколнува, "фрла клетва врз некого" ' ~ *сéга óди сúно му-нóсе млéко нă-лáмјăта, мутýра млéко и му вéле: "Нé-зă тóцки пáри. Дáј-ми нóгу пáри!" Нóгу пáри му сáка. Сă-нăл'ýтфа лáмјăта, гу-прикăлнýва: "Дă сăздăрвиш!, му-вéле. Дă-сă-стóриш! Дă-сă-фáтиш!"* [ДК,123]; ~ *мусă-мóле: "Аман, мúла лáмичке! Тăмóл'ăм, уздрáви-ми-гу сúн-ми. Сими-гу-прăкăлнáла. Тáа нивéстăта вéќе шéта, шéта, нé-гу испýл'ва сúн-ми ич'"* [ДК,123].

прилáде* pf 'настина, се пролади' ~ *ину-врéме уфчáрчито си-и-пăсéло óфците пукрај-ина-рéка. У-тá рéкăта имáло инă-кăпúна. Дóшло ину-врéме прилáдăл уфчáрчито. – "А ј, си-рéкăл, д-ă-зăпáл'ăм вá кăпúнта"* [ДК,136].

прилáе* pf 'почна да лае, залае' ~ *рéкăл: "Нáвари жúту, нáмеси лéп, да-ми-раздáвиш ка ки-ýмрăм". Фатúла, намисúла лéп, ај наварúла жúту за-да-му-кáже и да-ýмре. Прилăјáл пéсут, му рéкăл: "Агăта ки-ни-ýмре" – на пéтăлут* [БМ(Зб),200].

прилéтни* pf 'се придвижи со летање' ~ *ричé на нúх: Тó шо верувáл на мéн, и шо сă крăстúл, ки уткúни... Стопáнот вúки ка и прикажувá на нúх, прилетнá на нéбито, да си седнá на дéсну уд Бóга* [MV(K),333].

прилигáт adj 'убав' ~ *нóго прилигáт ирген бúше* (= беше личен, убав младич) [ПК,2(88)]; [ЛС(К)93]; в. **приличéв**.

прили́з m 'местото низ кое се помину́ва за да се влезе в бавча' ~ *сиќавај се, Цвето, сиќавај,[зашто ти врвум низ двори,[зашто ти вел'ум дубрутро,[зашто ти газум прилизе,[зашто ти берум цвеќинце!* [ТГ,37]; – понекогаш луѓето ќе се скараат и за многу ситни работи: за патот низ нивата, околу *прилизот* на лозјето, на бавчата (особено ако ги немало порано) и сл. [ТГ,319].

прилиги́а* f 'украс, направа во куќата' ~ *и фне́тре фаф пештере́та, та́м му бје́ше кӑшта́та, што́то бје́ше от адѝн ка́мјан излопа́на фрет кӑшта́та, и бе́ пригизде́на фне́тре сӑс сја́какви прилиги́и, што́то не мо́жја чјул'а́к да отбе́ре напра́вата хи* [V,MP,259].

прили́и pf 'надојде голема количина вода, што не може да се собере во коритото, односно во садот' ~ *на кра́нинта де́н на гуле́мата уф пра́зник, де́ка сто́иши Исус а викна́, е́м и вел'а́: Аку́ ј же́дин не́кој, не́ка до́ји кри ме́н, да не́ка пи́ј. То́ шо веру́ва на ме́н, кату́ ка́к ве́л'ат кни́гити, ре́ка уф не́говото сӑрци ки прили́и во́да за живо́т* [MV(K), 262].

прили́ка f 'лика, што одговара како двојник' ~ *му вели: "нели прати ти една книга на твојта л'уба да пала една мома на Танковата ишкија и да е прилика на неја?"* [MC(B),94]; ~ *и јунак Бошко, как зе такоф џухап, пушти една книга и вели: "или да земиш една нивеста или да најдиш една твоја прилика, твоја ишкија"* [MC(B),93].

прили́чен adj 1.'убав' ~ *зема́ от дру́гата смо́ква, га дадé накуси, и па́к са чини́ла прили́чна ца́р'ува мо́ма* [V,PM,29]; **2.** 'голем' ~ *та́му шо ве́лиши така́ е́ту о́блак прили́чен а зави́ на ни́х; е́ту и гла́с ут о́блак испадна́, шо вел'а́л: Во́а и мо́јо Си́н милосли́ф, на не́гу и пувела́та; на не́гу да слу́шити* [MV(K),327].

прил'а́га impf 'прилега, личи' ~ *гра́мнува ца́р'у идѝн камш'и́к на гул'а́мит'а̨ з'е́нт'уфци: "до́л бре́ ќе́рати у кукуш'ка́рнику в'ä прил'а́га ва́м!"* [MS,t,37]; и: **прилегä** ~ *стредин мигју* **а** *и* **ä** *повичкјä прилегä нä познјут* [ME(P),82]; ~ *једна жена си имала једна керкä много лоша, наказувала на мајкä си много и хич ни је слушала. Мајка хи ја приучила и хи вревила: "Нимој, керко, тäј правиш, чи си мома, та ни ти прил'ага"* [V,PM,292]; односно: **перл'ага** ~ *Теодорак му вели: "јазе, дјадо, сакам твојта мома да ја везма за мене". Кехајата отговори: "сакин, чилибиа, това лаф ошти еднош да ми го не речеш! Хич мојта мома за тебе е, или јаз перл'ага с тебе да си фатим"* [V,PM,164]; ~ *фати́ човéкот, ве́ли́ на́ о́лот: "е мо́ре, ста́р о́л, ја́зе чини́х или́к на та́а змиа, га куртули́сах со́с два́јси па́ри от едни́а де́ца, са́каха да га уте́пат, та тја́нака сега́ са́ка да ми изја́ди". Тогáс о́лот му ве́ли на́ човéко: "што́ да ти чи́нам? Таква́ гла́ва и́маш, така́ ти пирл'а́га"* [V,PM,138]; ~ *и дјадото му вели на царјувут син: "ба, царју, земи гу: това на тебе перл'ага, само чулцинто мене ми требува"* [V,PM,217] – во контекстот имаме пример за широката употреба на суфиксот **-ува,** придодаден кон несвршен глагол (*треба – требува);* фактички се работи за употреба на граматички сигнал и без кој информацијата е комплетна; в. **праличе.**

прил'атова* impf 'долетува' ~ *кога дошло пак времја да сја вäрнат назад, като навäрвили, стигнали пак ду нäзи рјакä, прибäркали ја и пак*

си станали чаплоци, и чул'ака станал чаплок. На дорă му имало един кавак (топола), на нег направил гн'аздо и четри години прил'атовал там [V,PM,285].

прѝмаслица f 'приказна, измислица' ~ *тогáс цáрјут гу пригăрна, гу бацá нá двéте му óчи, и тój нака брáтите му ги заклá и двéте, та тój земá нéговата л'ýба, и дрýгите ги дадé нá дрýги двá побрáтими. И такá и патúл нáј-мáлкиот сúн и от тогáс остáнá прѝмаслица* [V,PM,138] – Ст. Романски го изведува од тур. *masal* 'приказна' + суф. *-ица* и преф. *при-* (според *прикаска*).

прим'ạн'ён* adj 'облечен во чиста, односно во нова облека' ~ *мома стоје јуф Дунава,[јуф Дунава, крај Дунава,[тенка бела преминена,[ситно, дробно наридена,[ситно, дробно јуплитена* [**ТГ,171**]; и: **прăмéнин** ~ *шó ак нé сум прăмéнна, стрójницте ли ќи-ми-ј вăрнат* [**ПК,2(195)**]; ~ *"дивојко, јубава дивојко,[ним стој спурти мене, изгурех за тебе" – "гори, лудо, гори, тупарва ки гориш,[кога ќи ме видиш бела ем црвена,[бела ем црвена, ф-ново праминена"* [ТГ,199].

прим'ạн'ёнт adj 'убаво облечен', в. **прим'ạн'ён*** ~ *úдат и т'éс гу гл'éдат тáм удóл букó с'ạдú идúн ч'ув'ăк такфóс прим'ạн'énт* [MS,t36]; ~ *ја вúд'ạха мумáта, такфáс хýвава и прим'ạн'énта сăс тóлкус хýвава рýба* [MS,t,23]; ~ *изл'ази Ил'у применент в царски дрехи горе на гимиата на триферич'ут. И кралицата изл'ала на диванханата* [V,PM,172], односно **приминéт** ~ *тогáс бáбата, кату гу вúде такóв приминéт, оружéн, му вели: "сúнку, тéзи дивójки нé са за тéбика; л'у когá сáкаш тúнака л'ýба, јáзе да ти нájдам; éла по мéника"* [V,PM,9]; ~ *да ка си флéгле уф грóбут, а видéле детéнци, шо сéдиши на дéсно, приминéт и убличéн бéла рýба, да си уплашúле. Па óн вéли на нúх: Нúм са плáшите* [MV(K),332]; ~ *ká флéгал цáрот да убúди сфадбáрите, а видé тáму идéн човéк шо нé бéши приминéт да лúчи за сфáдба. Да му вéли на нéгу: Прија́тил, кáк си дуjдé тýка, шо немáл си рýба за сфáдба?* [MV(K),270] – во контекстот имаме употреба на номинатив на местото од вокативна форма, што се третира за јазична посебност: **прија́тил, ка́к си дуjдé тýка?**

примена f 'нова односно празнична облека' ~ *и вели: "а бре Сраулица млада, блазе-ị на тој млад јунак, што ти прегăрнува твојта бела примена"* [MC(B),96]; и: **примина** ~ *пуснáла цéрквата, сéкој човéк отúде на кăштите му. Брáт му, богáтиот, кату сéдна на трапéзата да рýчи, га вéли на жéна му: "нé знам, мари жéну, товá наш брат динéска, дéка га нájди таквá прúмина и са примјанú и тój и децáта му кату бéјуви"* [V,PM,148]; ~ *дóшле жéни навраз грóбут, и а нусúле балсáм мирослúв шо таргувáле. Да а најдéле плóчата тракал'áна ут грóбут. Да как си флéгле, не а најдéле снáгата Господúнова Исус. Да чýнки бúле зачудéни óни зарди нéгу, éту и двé мúна застојáле на нéи су рýби и су примéни шо лăскаа* [MV(K),333]; сп. **прáвна примéна** (= најскапа, најубава облека) ~ *па тáтко му рéкал на измиќáрити: Извадéјти прăвната примéна, и убличéјти гу, и дадéјти му прăстинут на рăката, и скóрни на нóзити, и а-звадéјти данáкут ранéтито, заклájти гу* [MV(K),281].

примени (си)*, и: **прим'а́ни** (сă)* pf 1. '(се) преоблече во друга облека' ~ *му ве́ли ба́бата на не́гу; "по́стој ту́ка ти́нака! Јазе ки изва́дам же́нски дре́хи да си приме́ниш и така́ да ти зе́мам не́трика!"* [V,PM,9]; ~ *она рекла: "са уженувами, туку ниа адет имами, са чиними голи кату от мајка родени и са канпими". Арапинот заедноu си распримени, отиде да са канпи. Она пак му зева сичкојут такăм и рубите, от тамо побегнова, са приминила кату кисиџиа* [V,PM,235]; ~ *гу запи́ра про́с'ạку, му да́ва ру́би, гу прим'ắн'ạ* [MS,t,25]; ~ *и кога ке дојди времја, невеста да си чиниш, тога червената прачка да земиш и, истом кога ке ви дадат да спиете, тога ти нетре на удајата силен вогин да запалиш и четирији кошула да си приме́ниш* [V,PM,276]; ~ *кату каза и за трите и братја, му вели на децата: ва са мол'а, јунаци, оставајти ми, да пода на другата одаја, да са прјамина* [V,PM,233]; 2. 'се облече во убава, богата облека' ~ *сетни, кату са д'уздиса хоруту, и т'а си приминила сос златните дрехи, вјахна и кон'ут и пак отиде на хоруту кату д'ун'а ѓузели* [V,PM,206]; ~ *сă прим'ắни у нас ру́ба кутý мисинч'и́ната и зв'ạздит'ạ и ја́хнува ко́н'у, ги фтáсува на пант'о́ и ги устáв'а* [MS,t,36]; ~ *афу́ сă умý д'ắт'ạнту хýбаја и сă прим'ạни сăс но́ват'ạ ру́ба* [MS,t,81].

приме́ри* pf 'зеде мерка, одмери' ~ *и пáк гу попи́тал, колко оки́ во́да и́ма фаф бара́та, и хизмиќа́рја искáрал кратýната и акóлата та му кáзал: "Сас ај тáзикана кратýна приме́рих и на акóлата писóвах". И като́ зел цáрја акóлата пăлна нýли, не́ можил да собере́ кóлко óки са* [V,PM,256].

приме́сạн adj, m 'леб што е премесуван' [ЛС(К),94].

примини* pf 'прифати' ~ *"она е била кахпеа! Играј с секаков човек. Ету јазе хем ја фатих и една мишјан земах от неа, ако не верувати"... И тогас Марин и другите базирѓани си зарадуваха и му дадоха много бакшиш. Хем на голем ихтибар го приминиха него* [V,PM,166]; в. **прăми́не**.

приминýве* impf 'поминува на другата страна' (во случајот преку граница) ~ *ут-тáм, дујдéа, нă-зăкăрá нăтре уф-сéлто. Ка флизéме уф-сéлто, тáмă имáло пéт дýши нáши прúмăни ут-тýка. Испăднá жéни, дéца, сúте нă-испráштăт. Жéнте-им тáмă, дéцăта-им тáмă, óни приминýвăт* [ПД,174].

примире n 'договор за прекин на воените дејствија' ~ *тăргнáме дéк Цумјá, Блăгójувгрáт. Дујдé Бугáрто дă-брáнат вúќе нă-кăд Цумајá, кăд-Дýпница нă-гóре... И куту-нáс стáри ọсạмдạсé гудúшни чувéци, нéублéчни, тăкá-ј кáрăт нă-фрóнто. Уд-дóма, упштинáта ú збéре, имдáде п-áдна пýшка вирáн, адна тóрба лéп и óт нă-фрóнто. Бúа-се тáм дистúна дéна, биде́ примúре* [ПК,-2(191)]; ~ *дујдé аднó нăрциéне Гăрцте сă-прăмéстат. Примúре биде́ло, прăмúре. Фрăнцýјсто, Англичáнто – мúр, Гăрцте дă-с-јóт дóма, дăсă-вăрнат пá нă-нúјнто мéсто* [ПК,2(223)].

примири́са* pf 'почна да мириса' ~ *и тúја утидéле у вудинúцта и са засăлнáле ду-врáтта. Кă-си-лафéле такá мéчкта, лисúцта и зájцут и на-мéчкта му примирсáлу нéшту на-чувéчку мéсу* [БМ(Тр),205].

примитáрен m, в. **праматáр** ~ *имáло иднӑ-ӑнӑмка, идну-Мӑкидóнец. Мӑкидóнцут – сулу́нец, ӑнӑмкӑта – сулу́нка. Мӑкидóнцут бил примитáрен; бáсми прудáвӑл* [ДК,134].

прúмка f 1. 'мрежа за фаќање птици, направена од влакна од опашката на коњ', сп. птици се фаќаат *"сáс прúмки ут пр'éлу"* ; сп. со прúмка се лови на 3 начина: **на сúдело** (на пролет кога птиците носат јајца, **прúмките** се поставуваат во близина на гнездата), **на чúкајне** (на овој начин се ловат *горските јарбици*, **прúмките** се поставуваат околу некој извор и тоа во август кога многу извори пресушуваат); **на мáмка** – и со овој начин се лови на пролет, ќе фатат некоја јаребица, подобро да е женска, ќе ја стават во кавез на некое погодно место, околу кафезот ќе стават **прúмки**, женката што е во кафез навечер ќе почне да пее и ќе се соберат повеќе јаребици, некои од нив ќе се фатат во **прúмките**) [ТГ,388]; **2**. 'било каков вид стапица (во случајот за човек)' ~ *о-пúтат тáм шó да-нáправат: "Кáк кулáј да-нáјме, да-ни кáјш?"– "Кулáј –ричéл– ки-тý:рте едúн казáн кáтрáн на-врáтта". Дрýгата вéчар тúа пáк удúле да-крáдат, гáзта удúл нáпрéт. Ама úма прúмка сја:* [ВД(Ник),279]; **3**. фиг. 'нешто заплеткано' ~ *и вилú: "ви ж'éнит'а сăс вас у прúмка н'ӑ-сă фл'áвалу!"* [MS,t,37], [MS,s,89]; ~ *и извăдúја пиштóл'те и кăжáја: мóра да-рăбóтиш су-нáс. И јас му-ричéк: нем-ма-клăвáјте у-тăквá прúмка, на-мóжăм, си-úмăм дрóбни дéца, сáкăм и кýјкта да-си-а-приглидýвăм* [БМ(Сар),204].

примóли (сă) pf 'се обрати со молба, односно побара нешто со мил глас' ~ *господáрот млóгу си зарадувá, ча има такóф јунáк таксилдáрин... и му са примóли да гу пýсни пáк на дрýго таксúт да му бéре верисéнта* [V,PM,23]; ~ *умрáкна, ни им'áш'и д'é да пój да спú, сă примóли на нáс ж'éна да спú вич'арóт тáму* [MS,t-,71]; ~ *ќосéто зел едúн кáмен нат нéк, зá да гó отрéња в бонáрја. И детето му са примóлило и зарéкло, óти нéк да остóри сúн на баштá си и да му дадé нéговите дрéхи* [V,PM,257]; ~ *змиáта му сă примолила да идат зайдно в ăднă горă, от там да му набăрă јаковитă билкă и за сăвдă. Тој ă услушал и утишли в горăтă* [V,PM,289]; ~ *Кулýф на нéгу са искáза за сúчку, му кáза и за тáја лажá, што кáза на кадúата, и му са примóли ... да гу отéмни от тáмо* [V,PM,12]; ~*"áку úш'тиш' тú да сă примóлиш' ... áку м'ӑ устáи мóга за да дójда"* [MS,t,83].

примăва* impf 'повторно мие, премива' ~ *мăја сăндувиту, примăвам* [ПсС-(3),64].

прúмăн* adj 'прибран, прифатен' ~ *Ка флизéме уф-сé:лто, тáмă имáло пéт дýши нáши прúмăни уттýка. Испăднá: жéни, дéца, сúте нă-испráштăт. Жé:нте-им тáмă, дéцăта-им тáмă, óни приминýвăт. Аднó врéме трăгнáме ... нă-гóре, пу-Бăлáсца* [ПД,174].

прúн prаер 'пред' ~ *прúн да стáни мурабéту = прúн пóлиму = пиш'úн ут мурабéту* = 'пред војната' [MS,s,88].

принадáрино adv 'она што на човекот му е предодредено, што го носи во својата природа' ~ *е-пă, твá-е, мнóгу прóстă рăботă. Квá ќи-úмри женáтă, пóлă свéт пăднýвă зă-мăжó. Или мăжó квă-ќиúмри зă-женáтă. А-ọсóбенọ зăмăжó женáтă, óти мăжó, не-мóжи*

да-се-испе́ри и-така́ си-и принадда́рино [ЈІС(К),120].

принд'е́ impf 1. 'обработува волна, или памук и од нив, со помошта на фурка или друга направа, прави концы, преѓа' [MS,s,88] – в. придејне; ~ *и таја мома сос мајка и хождала ката вечер да паракамнова, да принде ва́лна; и момата си научила, сама хождаши на паракав сос друшките и да принде* [V,PM,205]; ~ *кату гу виде́ барли́војут рече́: "брате, е́ту на ма́јка ми и вратено́то, што и принд'а́ла!"* [V,PM,241]; ~ *тогас мисинчината вели на неа: "е побратимко, и ти си хубава, и јазе и сла́нцето и звездите, ама сега е момата нај-хубава". Тогас тја млого жална са върнала на дома и́ и си чудиши, сос што тертип да ја погуби. Еден ден, дека принджала ја дојде на умот една хитрина* [V,PM,213]; ~ *Оти́доха по-натата́к, на́јдоха е́ди́н балаба́н от ти́а ча́мовите да́рви. И кату гу виде́, барли́војут рече́: "брате, е́ту на ма́јка ми и вратено́то, што и принджа́ла! Ја́зе и това́ ки гу зе́мам"* [V,PM,126]; без зачуван назализам: **приде́ (пре́де)** ~ *ину-де́н му-ве́ле: "А јде да-зе́ва́ш да-пре́диш приде́но, ва́лна!" Му-да́шла и ва́лна да-пре́де, а та́ ма́ла́чка не́ зна́е, а́ма да-пре́де. А-зе́ла та́ ва́лната и ути́шла* [ДК,120]; – кога девојчето го учат да преде, и ако тоа не сака повеќе да преде му се одговара вака: *"А ман. Ного приде, стиге гајри, са пракина придеќи, испри́де кулко на вла́к дуп да му затниш"* [ТГ,362]; ~ *"До́бар де́н, чу́по! Шо́ па́ла́ш! – Ва́лната ми-а́-зе́ ве́тру, д-о́да́м да́-си-а́-зе́ва́м."– "И шчо́ ва́ ва́лна!" – "Ма́шче́а-ми ми-а́-да́де да пре́да́м, а ја́с не́ зна́м да́-пре́дам", му-ве́ле* [ДК,121]; ~ *разглида́јти а́рно пили́штити на не́бито, шо ни́то се́јат, ни́то жни́ат, и Та́тко ва́ш уф-не́бито и ра́ни... Уче́јтисте ут сфе́тицте* (светулките?) *уф-урма́нут как пура́стат, нито са ма́чат, ни́то пре́дат* [MV(K),264]; **2.** изр.: **те́нко пре́де** -- **а.** 'во лоша здравствена состојба е'; **б.** 'многу итро постапува' [ПК,2(199)]; сп. уште: **ка́смет лија си бил, мајка ти не је придела спурти питок** – верување дека на тој начин човек може да се спаси од голема несреќа [ТГ,8].

прини́ха pf 'се созеде' ~ *Бо́г дадé, прини́ха ма́ра жена́та му и поле́ка-поле́ка оздрав'а́ла* [V,PM,20].

прину́де* pf 'присили', в. **прину́дуве** ~ *има́л а́дна-ца́р три́ сино́ви. Има́л и а́дна а́бо́лку. Ка́та-гуди́на пре́т да-зре́е то́ а́бо́лкуту му-гу-иде́ле. Ко-уде́ле да-гу-бе́ра́т, гу-на́јдува́ле изде́ну. Ти́а де́цта са́ прину́ди́ле и му ре́кле на́-ца́рут: "Ај ни́а ќ-о́диме ќи-гу-чу́ва́ме а́бо́лкуту"* [ВВ(Кр),311] – во контекстот имаме очигледен пример дека категоријата род во овие говори не функционира (односно функционира само делумно): **има́л а́дна-ца́р три́ сино́ви**; ~ *про́литта би́ме прину́дни да́-до́јме ту́к у-Бури́суво, да́-ку́пме адна ка́шта, а та́м, у-Мо́крина на́јде́ме се́ гуто́во, си́чко уста́вино, куту-ни́а ка устави́ме до́лу* [ПК,2(Мор-221)]; ~ *Апусто́л вуј-во́да му-ка́жа́ на́-бе́зите да-исте́ра́т Ге́гите, да́-кла́а́т па́да́ре утна́ште мисти́јна, ут-се́лта. Они му-удби́ја и ти́ја шо-пра́веа зулу́-ми та́кви́ја, та́-се-прину́ди́ја куми́тите, Апусто́л су-че́тта да́-и-збе́ра́т ста́а́та, да́-и-исте́па́т Ге́гите и да́-и-но́са́т уф-на́тре, уф-ѓо́л'ут* [ВЕв,296-297].

прину́дуве* impf 'кога нешто се прави со присила' ~ *аку-за́ста́на́т та́м ни-ј-упа́сна ра́бо́тта. Во́ пу-на́с –*

дек застáнмă ни́е и óн. Е, нéјсе, тá минá шо-минá, на-призé уфицéрчиту шо-бéше и ни-зéва свидéнција, ама ýсмино нé пúсмино, зăшó бéгăте,... – А, бре, ни́е – му вéл'ăм, óти утá бéгмă, нéкуј уд-вáс тéпа и бéз дă-та-пúта, сă-принудýвмă ни́е зă да-бегмă [БМ(В),192].

прион m 'направа за сечење со запци, како мала пила' ~ *и бабата, што стори таја работа, с прион на стредја ја посечи, и от сите базирѓани иманиту го зема, бејлик го стори царски* [V,РМ,167].

припáјѓа impf 'кога нешто некому му следува' ~ *Одăт, óдăт пу-пăтут и си-збурýвăт на-кój пáјѓа вá сéга, чýнки ќи-пáдне на идéн уд-ни́х. Гулéмиăт: "Јáс аку-не-бéк ни́шту нă-мóжикте да-нăпрáвите". Друјќăт: "Тăкá...", нáчи* (значи) *пувăрзáни би́ле. Ајде, цáрут ќи-арéше вá рăбóта. Оат нă цáрут су-ќéрка-му. Рăдóсин цáрут е, шо напрăви́те? – сéга дă-ви́јмă нăкóгo припáјѓа* [БМ(В),196].

припáлан* adj 'побаран' ~ *ка ки-си пуштăт силјајнту дубиците не си-ј припалуват цела гудина: имајнту дур издивувало, оти не припалано дур на вăкăт на учејна, гјирек на ралто, кирек на колта* [МЕ(Р),77]; [МЕ(Р),174].

припáла* pf 'побара' ~ *и ки му би́јат пéза су нéгу, и ки му би́јат, и ки му плýјнат, и ки му утéпат на нéгу, и на трúти днú ки уживéи. И му óдиа нáпри при нéгу Јáков и Јоáн сúнови З..., и му вéлеа: Дидáскале, сáками шо ки ти припáлами, да ни чúниш* [MV(K),285]; ~ *и а глидáл... и пукривáчката шо му имáло наврăс глáвата, не би́ло су сáванити, тукý сáмо бéши брáну кýп на иднó мéсто. Тóга ви́ки флéгăл и другјут Ученúк шо дóшăл пó-нáпри на грóбут, да и видéл, да верувáл; óти не припалáа ни́кој пăт книгата, шо му бéши да стáни ут мăртвити óн* [MV(K),336].

припáлва* impf 'пофаќа' ~ *и кă-сидóшле ни́јнте ă-ви́шле, шó ќи-ви́дат: чýпăта издăлцéна. А-припáлвăт, му-ă-извáжцăт курдéлта и óна стăнáла. – "Е, му рéкле, ни́а нé-ти рикóме дă-нă-зéвăш ни́што?"* [ДК,144]; и: **припалува** 'побарува' ~ *на ногу места има курij, дека ка ки си пуштăт силјајнту дубиците не си-ј припалуват цела гудина* [МЕ(Р),77].

припéе* pf 'почне да пее (во случајот петелот да кукурика)' ~ *рéкăл: "Нáвари жúту, нáмеси лéп, дами-раздáвиш ка ки-ýмрăм. Фатúла, намисúла лéп, ај наварúла жúту зăдă-му-кáже и дă-ýмре. Прилăјáл пéсут, му рéкăл: "Агăта ки-ни-ýмре" – нă пéтăлут. Пéтăлут припијáл, му-рéкăл: "Ká нé-ј-врéдин иднă-жéна дă-пувéле, нéка ýмре"* [БМ(Зб),200].

припéлкă f 'седенка – кога невечер ќе се соберат девојки, жени, и низ разговор и песни вршат домашни работи (предење и сл.)' ~ *ќи-стáними ráно, квá угр'áва тáа зв'áздатă... и-ќинарéдими óколу слáмă, и-ќи-запáлими óколу, сè ќе гóри óгăн дă-се-глéда. Й-сúти нив'áсти ќе-сéдат, кój ќеплéте, кój вăлнă ќи-чéша, кój тóă, кój óнóă, тăкá, см'áшки дă-пр'ájми... Убáвo б'áши мóре, ýбăвo. Нă-припéлкă* [ЛС(К),135].

Припека top. (в. **припик**) 'рид со ретка шума'; сп. гл. *пече* [ЈИ,Ми...,178].

припик (< **припек** – со редукција) m 'место изложено на сонце' ~ *дéка слăнцуто удúре, пóвичко пéче, а зăклóнно-ј ут сéкăде* [ПД(129); – додека младите играат оро на сред село, постарите ќе изберат некое

место на *завет* (каде што не дува), односно на *припик* (каде што грее, пече сонце) ќе седнат [ТГ,321]; ~ *ќи-чéте вéсник... на-слăнцто, нạ прúпик* (иронично – зн. 'ќе дреме') [ПК,2(211)]; ~ *Кá пугléднуват сел'áнто: нă-мăгáрто вăлк. "Брéј, вăлк, гл'ăдájте, вăлк, дăржájте". Удрăт ус-стáп, ус-кáмăне, ýдрăт, гу-прăтéпăт. Избигáл пá. Избигáл ама глáдин, папцáл вéќе, нă-мóш дóде. Уддéл нă нéкуј прúпик нéде, нă-нéкó слăнце. Прăпéчуве-се дуéдно лóзе* [ПК,2(216)]; ~ *а-мýдар. И-сáб'ạ нạпрáјạл, имáл, и-пúши нạсáб'ạтạ: "Со-едúн ýдар (нạ-сáб'ạтạ пúши) четрúиси дýши мăртви". А-тóј четрúиси мýви. И лéгнạл тạкá нạ-прúпéк. Тúạ мóрạт дạдóạт нạ-вóдạ, дạ-зéмạт вóдạ* [ЛС(К),116].

припи́ра (сă)* impf 'се расправа, се кара' ~ *на това зговор престигна пак онај човек штото му крадјаши парите на слепити просици, тамо дека са припираха просициту един другиго за парите* [V,PM,207]; ~ *сă сприп'ăхми* (= се скаравме) [MS-,s,89].

припирани n **'расправање, каране'** ~ *на това припирани царјут меѓу џелатите ету дошли прет царја две калугери, му вел'ат на царјут: "царју, много ти година и да ти е жив зентју! Ниа ч'ухми, оти имаш јунак зент, штото страшни лами фати живи"* [V,PM,186].

припи́та pf 'препраша' ~ *фáти да ја припúта тóс ж'ината: "ми ни кáзуваш' ти на м'ён'ạ тузú д'ăт'ạ амóт' такá гу вúкат Дијуни́ш'?"* [MS,t,47].

приплива pf 'со движење на раце и нозе помине низ длабока вода' ~ *тогај отвори едната риба устата, го зема чобана от нозјата, го глат-на џал. Онаја риба, што имаши чобано на куремот, у стредја припливеши, а другате два риба – едната от правата страна и другата от левата* [V,PM,169] – уште еден пример за присуството на дијалектното значење на зборот **прав** = десен; сп. во рускиот јазик.

припл'áва impf 'заплетува' ~ *вăтуку сạ припл'áва* (= јатокот – вид преѓа што се користи при ткаење – се заплетува) [ПсС(З),67].

при́плод m 'чинот на донесување на нова генерација, оплодување на животно' ~ *тú сă-чýкани кóчуве нé сă зă-прúплод* (објаснување за поимот **брави** = кастрирани овнови) [ПД,125].

припорăнче pf 'даде препорака, побара' ~ *и тој зема от терзиите рубиту, зема и даскалите, ги занеси на Богариово, да ја стори теслим на даскалите армасницата му, да припорăнче да ја науч'ат сичко* [V,PM,164].

припорăнчува impf, в. **припорăнче** ~ *от мăра дена сетни му дојде на татко му книга, да ходи на царска кавга. И тој на жената му припорăнчува и вели: "кога детинто ки си чини за ука, да го дадеш на даскал да си учи! Ету ти оставјам стока, пари, и јазе ако поаргисам, тој детенто да го гледаш харно!"* [V,PM,155].

приправува* impf **1.**'прилагодува' ~ *Бугарјто повикја сă бăркаа су Гăрците, и секуј идно нешту гу приправувиа на гăрцки кăлăп, најногу пăк ув Урумлукут, дека беа Бугарјту удделени уд кăдă ветăрут уд другзте Бугара су Кара-азмак* [МЕ(Р),75]; **2.** 'одржува нешто со поправки' ~ *турцката грижа за во пăт секуга е била толку гулема шо като или правеле или гу*

приправувале [ME(P),73].

припу́ска pf 'растрча', в. **припу́ш'та** ~ *и то́јнака кини́са, оти́де ду́р на море́ту, гу врӑза хенде́к атлатан на́ е́дна стра́на: ету и куби́лата излезе́ сос де́вет жрја́пчинта, хе́м ви́ка: "а́х нема чове́к да ми вја́хни, да ми припу́ска пу ти́а ра́мни по́ли"* [V,PM,113]– во текстот имаме уште еден случај за образување на множинска форма на именка од ср. род со наставката **-и: пу ти́а ра́мни по́ли** (м. 'полиња'; за ова в. во граматичкиот дел); посебност претставува и множинската форма **жрјӑпчинта**, во која се зачувала архаичната наставка **-ѧта**.

припусни (си)* pf **1.** в. **припу́ш'та** ~ *имам друг еден деф, којто е бӑрзоходник. Ки гу извадам да си припуснити: кој ки излези по-јунак, да дојди по-напрет, ки му дадам момата* [V,PM,45]; ~ *тогас детенто му вели на старага дјада: "тате, јазе ки си чинам еден кон, ти да ме вјахниш, и да поими и ниа на свадбата. Да ми припуснеш на кушиа, јазе сичките кони ки ги заминам; тогас ки сакат да ми купјат от тебе* [V,PM,217]; **2.** 'се втурна' ~ *фатила да вели: "варај, мале, мила мајко, јазе не сам мајсторка, што ми велиш, но сам твоја милна керка..." Така кату чу мајка, еднош са припусна, ја пригӑрна, ја бакна меѓу двете очи, и еднош двјата заикнали: тамо и душите им излезоха* [V,PM,196].

припу́ш'та pf 1. 'растрча (се), влезе во натпревар' [MS,s,89]; ~ *за́енциту припу́ш̆тат* [ПсС(З),68]; ~ *јунакот го виде наврӑх тополата, фати сега сама да вреви: "ах, да има сега еден човек да ми вјахни и да ми припушта по полето, да са назноја"* [V,PM,186]; ~ *дјадото гу зема детенто и гу занесе пак у дома му. И на ониа дни тихиса да има еден беј свадба, и млого л'уди сос кон'а на свадба хождаха да припуштат* [V,PM,217]; ~ *кубилата му рече: "тајл'акот остави го тука, ч'а тамо, дека ти пушта царјут, човек са изгорјава и добиток, штото е аџамиа. Туку мене да ме вјахниш и да ми припушташ перво две саата по зелено поли, да си назноја"* [V,PM,187] ; **2.** – **(са) 'се навӗд-на, падна'** ~ *и си-о̣ти́шле две́те на-цӑ́рква мӑ́ш и же́на и му-ре́кле на̣-Ку́мка Кӑли́чка да̣-му-туру́ва во́да да̣-не-зӑва́ре гӑ́рнето. И Ку́мка Кӑли́чка ка-виде́ла да̣-не́ма во́да гӑ́рнето и-са-про̣пушти́ла у-гӑ́рнето и-сӑ-свӑри́ла у-гӑ́рнето* [BM(Сар),314] – сп. убав пример за интенсионална, декларативна употреба на сврзникот **да** наместо 'дека': **Ку́мка Кӑли́чка ка-виде́ла да̣-не́ма во́да гӑ́рнето** (м.-'дека нема').

припу́ш'тани n 'трчање, натпревар' [MSs,89].

припӑ́лнет adj 'нешто (простор, сад и сл.) исполнето до крај' ~ *се раскрија ув урманут; елбет не ув блатцкјут урман, шо е припӑлнет су вода* [ME(P),77].

прира́досин* adj 'среќен, радосен' ~ *и на ше́ста ме́сици па си пушти́л Ангил Га́врил ут Бо́га на гра́т Галиле́а, на Чи́ста Дје́ва армаса́на су мӑ́ж, и́мито му Јо́сиф, уф ку́ќа Да́вид; и и́мито на Мо́мата Мари́а. Ка си дујда́ Ангел Господи́ноф кӑд не́а, ричé: Ра́дујс прира́досна* [MV(K),315].

прири́па* pf 'помине преку нешто со скок' ~ *На тре́тиут де́н гу-пу́шта тре́тту гӑлӑ́пче су-пи́смуту и муве́ле: "Тво́ја ду́ша ќи-прежа́лиш мо́ја да спа́сиш"... гӑлӑ́пчиту*

литнáл су-тóлку гулéма бъ̀рзúна шо дạ-не-гу-вúде ѓáвълут нạ-грънúцта пририпáл и нạ-мужáл, дъ̀мéк дạ-гу-стрéл'а [БМ(В),195].

природан брат m 'полубрат, само по еден од родителите, роден во новиот брак' [ЛС(К),100].

прис (в.: **през**) ргаер **1.** 'упатува на поминување во близина на нешто, покрај' ~ *едúн дéн проминá тел'áлот приз къ̀рпáчинот* [V,PM,18]; ~ *владиката му вели: "бре братку, кату ми беши страх от тиа аскерите, што проминат приз тука"* [V,PM,39]; ~ *тој му и рекла на хизмиќарот: "постој, почекај ошти малко да са шетам". Как отиде приз една чаршиа да са шета, промина приз царскиј конак* [V,PM,238]; ~ *и дójди вр'ъ̀м'ạту цáр'у да ги токмú мóмит'ạ. Дијатáксува да пруминáт ш'úч'кит'ạ јунáци прис пóртата да вúд'ъ̀т мóмит'ạ, да си удбирáт, кутрú гу úш'тат* [MS,t,34] – уште еден пример за присуството на архаичната заменка **кутри**; ~ *гу пýш'тат ут бахч'áта да пруминé и тój прис пóртата; гу удрúва инá јáблъ̀кă* [MS,t,34] – поголема е веројатноста дека поминал 'покрај портата', отколку 'низ портата', бидејќи станува збор за 'порта' на царската палата, а момците проаѓале покрај палатата; ~ *си удрúва Ифтúм'у т'уфéјќу на рáмуту, прумúна прис главн'áтạ, ги глéда главн'áтạ сă пýснали филúз'ạ (дáлч'анта)* [MSt,44]; ~ *дјáвулу идúн д'éн' уткрáва инá јáблъ̀ка ут парáдиса и исл'áва на зим'áта, прумúна прис цáрувата къ̀ш'та и вúка* [MS,t-30]; **2.** 'укажува на премин преку некој простор – низ' ~ *тýка úма дéвет брáтќа хајдýци, што нé остáват човéк да проминé прúз тýка* [V,PM,21]; ~ *ету едúн дéн излезé ráно от къ̀штата му... проминá приз пазáриштето* [V,PM,17]; ~ *тръ̀гнах за да дóа у Атúна, пруминáх прис Сулýн* [MS,t,12]; ~ *стáнува ж'инáта-му ... и прис будрýм'у си утúди гóр'ạ* [MS,t13]; ~ *тојнака, кату беши завиен сос кепету, промина прис стред'а аскерут* [V,PM,34]; **3.** 'проникнување низ отвор' ~ *на бéлојут ól му вл'áзи от устáта, приз гъ̀зот му изл'áзи, далú наúстина така си вúдел?* [V,PM,31]; ~ *умовитојут киниса, отиде да копај гроб на гробите, пак лудојут зева една карлига да ја наврја приз мајчинот му нос, да татраштем ја занева на гробот* [V,PM,229]; **4.** 'премин над нешто' ~ *и змијýвéте, катó едјáха месóто и кокалúте, клавахá си от прес тјах. И новá человéк, катó едéшја и тој мéсу сас тјах и приз рамотó си фъ̀рлешја кокáлúте и ни остáвешја кóкал от прес нéк* [V,PM,262]; ~ *та му дáл ќосéто пет кóн'а нáтовáрени сас што пойскал, и, натýрил по сýхо пченúцата, медá, просóто, ... та са собрáли пилéтата, пчéлите, мрáфките... му рекló еднó пúле: "Ела да та прéнеса прис морéто!"* [V,PM,258]; ~ *сéтне пак ни знáе, на котрá да даде пръ̀стен'а. Дошлá пчелáта, кázала му: "Тúа кák шта стојат и трите в еднó, јас шта прéфъ̀ркна на еднá прис главáта. На нáзикана да гó дадéш!"* [V,PM,258]; **5.** временски 'во текот на' ~ *за стáна прис вич'арóт да ха вид'ạ óлувéту да му дáм пák да идáт пл'ъ̀ва* [MSt,65]; ~ *стáна прис вич'ърóт и вид'ạ иднó свитúлу* [MS,t,74]; ~ *лéгнаха башкá, тój турú сáбјата у средјá. Тјáнака прис вечерóт прифъ̀рлú ръ̀ка нá връ̀х нéгу, сá посјáчи мáлко ръ̀ката, гá тръ̀гнá и му не кáза на нéгу. Тój сиромáх*

знáиши, чá нé му бéши жéна, не сáкаши злó да чúни нá нéја [V,PM,145] – уште еден случај кога глаголот и заме-нката се разделени со негацијата: **и му не кáза на нéгу**.

присáт m, bot. 'дрво што со калемење од диво станало питомо (она што дава плодови)' [ПК,2(88)].

присечи pf 1. в. **присичува** 1. ~ *момата отиде на стрјашта, седнала, ету и страшната ламја изл'аза, штото имала седим глави; фатил јунакот да са бори сос неа, заеднош ја присечи шестја глави, на седамтја млого са бориха, до три дена и три ноќа, дури и неа ја присечи* [V,PM,221] – во текстот имаме употреба на зам. форма за директен објект **ја** наместо дативната 'ѝ': **заеднош ја присечи шестја глави** (м.: 'ѝ пресечи шестја глави'), што претставува уште една потврда дека остатоците од падежните форми кај заменките во југоисточните говори ја губат својата регуларност. Примери има повеќе, за ова в. во граматичкиот дел; **2.** в. **присичува 2.** ~ *И ф-тó врéме адúн пóлк имáл кăм Петрúч вójска, нé бúла нăфрóнто, óна дујдé, с-укупúре уд-Мóкрăне пă-зă-Нóво Сéло, да-прăсéче Струмичко Пóле, дă-зáпре мáлко гăрчкăта вójска* [ПК,2(222)].

присичува* impf **1.**'разделува нешто на делови со сечење' ~ *нé сă присéчуве тóо дибéло вăже* [ПК-(Гăр)]; **2.** 'поминува преку нешто и го разделува' ~ *су сăта му реки, шо гу присичуват на секада и сăта му планини* [МЕ(Р),71].

прискокни pf 'извесен простор го помине во воздух – скокајќи' ~ *и кога ке дојди времја, невеста да си чиниш, тога ти нетре на удајата силен вогин да запалиш и четиријси кошула да си примениш, ча и змиата четиријси кошула има. Тогас срешта негу да стоиш и да му велиш: "искари си една кошула, да искарам и јазе" и "да прискокнúми вогинот!"* [V,PM276]; ~ *он кату дојде аф Рапица река, којто беши три врјатина широка, тој га прискокна и така си куртолиса. И кату са куртулиса, отиде аф една круша на пăтјут, пот сенката си легна* [V,PM,66] – проширена употреба на предлогот **аф** (= 'во') наместо 'под': **и кату са куртулиса, отиде аф една круша на пăтјут;** ~ *и клал тел'ал да вика, којто са причу на сичката земја: "котри јунак за излези сос кон да ја прискокни дупката, он за везми царју- вата мома!"* [V,PM,181] – повторно присуство на архаизмот **котри**.

прислáви* pf 'кога некој ќе се стекне со слава' ~ *Вáа ј на нúх живóт ду вéка, да ти пузнáват на тéб, шо ти си сáм истúнцко Гóспот, и на тó шо гу пуштú Исус Христос. Јáс ти прислáвúх уф зéмн'ата; пувéлата а сваршúх, тá шо ми си дáл на мéн да чúнам* [MV(K),261]; ~ *на вá (Марúа) брáт му Лáзар бéши бóлин. А пуштúа абéр вúи сéстри му на нéгу, шо вéлеа: Афéндо, éту вóа шо гу милýваш бóлин. Кá слушá Исус, ричé: Вáа бóлка нé и за умрéш, тукý зарди Господúнова слáва, да сă прислáви* [MV(K),286]; ~ *Илим áку сáкати да вúдити шо úма пувéла Човéшноу Сúн да пруштáва грéхови на зéмнјата (вéли на тóа бóлнијот): Тéб ти вéлам: стáни си, и крéни си носúлото, и óди си дóма. И на тóа чáс станáа, и крúна носúлото на рáмото... дýри си чудúле сúти ка гу видéле, и му прислáвúа сúти на Бóга* [MV(K),284]; и: **прăслáве**~ *"Е, рăчé, нé-сте сáмо вúи, мóже и нéкодрýга дăржáва д-úма тăквó дéте и нéго дă-гу-изл'ăкýвум. Оти зă-то сум јáс дóктор, и дă-сă-прăслáвум"*

[ПД,149].

прислáвен* adj 'познат, славен' ~ *истúна ви вéл'ам на вáс, óти вúа шо дуjдéхте пу мéни, на тóа сăд, кóга ки си седи Човéшноу Сúн уф прислáвéнио трóнот нéгову* [MV(K),263].

прислáди* pf 'тргна да следи некого' ~ *Тóс манџ'ó на нáс иґýпката пузнá, ja прислáди, пузнá, ш'тó за сă уб'ăси* [MS,t,53].

присмjава* impf 'кога низ насмевка изразува недоверба' ~ *и терал мjасто тjасно да најде, за да можjă да ja прихрипне... и си останал ч'ул'ак. Тога утишал дома си, жената му го питала, де је бил толко години. Тоj хи рекал: "Jаз си бех тук и ката ден си та гледах от кавакă през гн'аздото: четри години бех чаплок". Тja му сja за този присмjавала* [V,PM,286].

присмива* impf, в. **присмjава** ~ *прашили jă, што тера? Тja хми рекла, чи је дошла да излекува царскăтă керкă. Тuja хи сă присмивали и ни jă оставели да влезе внетре* [V,PM,282].

присни́к (пугáча) f 1. ~ *'пугáча* (леб) *бéс квáс* (со сода бикарбона), *а áкоj кúснăна пăк* – **кúснăна пугáча** [ПД-(118)]; ~ *нéмахме лéп зă-вéчăр, забăркáх ájн присни́к (пугача)...;* ~ *Нé бúше дójдăна гăрцкăта вujскá уф-Кýкуш, óште фрóнт дăржăт дóло. Сáмо вujнúци рáнни рăзнóсувăт гáаре. Жéшко, óгин, сă-вúке, гóре. Мисúа жéнте лéп бес квáс, присни́к, дă-сă-jспéче, дă-jáдиме, нéма шó, дéца мăлéчки* [ПК,2(Пос–290-291)]; **2.** 'недокиснат леб, не е добар бидејќи е правен со малку, односно со лош квасец' ~ *лéбо вáдин-ej присни́к, нé-о бúвше квáсо, úч нéма слáч* [ПК,2(88)].

Присое top. 'падина, ниви, место изложено на сонце' – сп. стсл. **присоіє**, според J. Иванов од *при-* + *-сое* (последното со редување од стсл. **сііати**); од истиот **ко ре**н се образувањата: **Присојката** (*Лехово*, Валовишко), **Присојница** (*Старчишта*, Драмско) [ЈИ,-Ми...,178].

пристана* pf 'се согласи'; **в. пристáнува** ~ *Имă и-тú да jăдéш, и-áс, и-ќéркăтă. Ас сăм зéт, гътóвъ, тú м-испрáти, вúкă, и-зéт пъстáнă, шóти-и мăкă сéгă. Еве прет-мéни писмóтъ, кóă му-гъ-дăдé нăкăпетáнъ. Ас не-сăм винóван. Ти м-испрáти и-áс пристăнáх, стăнáх зéт!* [ЛС(К),126].

пристáнишче n 'одреден простор од брегот на езеро, море или река каде што пристигнуваат (и заминуваат) бродови' ~ *шăтájки дуjдéл нă-нéкъ пристáнишче, испăднáл уфнéкъ сéло* [ПД(151)]; ~ *Му-вéле крáлцкăта ќéрка нă-тó: "Jáс мóра дă-гу-нájăм. Дă-ми-дáш мурнáри и пáмпур, ќ-óăм ќи-гу-пáлăм". – "Дăдéно", му вéле крáлут. Зéва пéjсет мурнáри, пáмпурут – óде. Оде, óде, óде нă-тó пристáниште дéка-е тó* [ДК,129]; ~ *имáло édно врéме нéкуj тăргóвăц кój шăтáл удгрáт нă-грáт. Шăтájќи дуjдéл нănéкъ пристáнишче, испăднáл уф-нéкъ сéло. Бúло дóцкăна* [ПД,151].

пристáнува* impf 'се согласува' ~ *aj дă нăпрájми свáдбă и-гътóвъ. Тój, детéто вúкă: "Ас н'áмам парú" – "Зă-тóă парú úмă..." Ќе-прájми свáдбă". – "Арнъ. Кáк ќе-рéчити вúе... Шóм решúли-сте вúе, ác пристáнувăм". Дóбръ. Гă-зéвăт* [ЛС(К),125]; ~"... *нă-двá пăтă, вúкă, нă-трú ми-сă-дънесéли пъ-дестúнă лúри, вúкă, прет-врáтатă истýреньо. Турéjте зăсáдá, вúд'ájте кój ги-нóси.*

Ас не-знáм". Дóбро. Амá, тóј детéто, лóвцúáта, си-úмá и-со-влáста. Нáпрéдан чов'ák. Си-úмá и-со-нúф. Го-уважáват. Вúка: "Пристáнувáми" [ЛС(К),129].

пристúгна (: **пристигне**)* pf 1.'стигна на некое одредено место, дојде' ~ *дур да извади ламјата арапинот, и тој пристигна таму* [V,PM,45]; ~ *на онúа дни и Кулуф пристúгна на оновá грат, прóсиши по сокáките* [V,PM,10]; односно: **престигна** ~ *на това зговор престигна пак оној човек штото му крадјаши парите на слепити просици, тамо дека са припираха просициту еден другиго за парите* [V,PM,207]; и: **прăстúгне** ~ *"јáс нé-сум сáмо зă-твójо грáт дóктур, нéгу сум зă-цéл свéт. Мóже д-úма и нă-дрýго мéсто тăквó дéте, дă-гу-изл'ăкýвум. – "Нéма дрýго, вéле, дéдо дă-ми-кáјш?" – "То ти-кăжýвум и тýка кá ки-прăстúгниш, јáс, ричé, тéбе ки тă-нáјдум"* [ПД,148]; 2. 'достигне некого (или нешто)' ~ *пóсле пák сă-рăзбудúл дéфо, глéде: устăнáл гóл, јургáно онéма. "Бре, ричéл, то свéр е пák, јургáно шо-ми-земá". Пá тăрче. Гупăрстигнáл, ама пá тăкá, пуминáл уд-нéгувуто мéсто* [ПД160] – **пăрстигнал** < пристигнал (групата **при-** со редукција и антиципација поминала во **пăр-** – согласно со честата реализација на вокалното **р** како **ăр**); ~ *на две џангали гу пристигна ламиниот бăрзоходеца и кату тихни ветир му грабна капата* [V,PM,46]; ~ *и ја пита, без да ја познаи: "Ej подарин, дали си видел от тука да проминат две млади?"... И тој нити либиница и јал, ниту понататак отиде, са вăрна nasat и вели на жена му, на старата самовила: "Не можах, жену, да ги пристигнам"* [V,PM,279] – формата **подарин** не е обична, зашто во овие говори големата носовка редовно се рефлектира во **ă**, ретко во **у** (сепак само два реда погоре срекáваме: 'падарин') ; ~ *утринта рано трагнали двата да бјагат. Кату чу татку и, ча побегнаа, ха и зел после да а тера и а пристигна на пăнтјут. Ама младата самовила знајала млогу, та фати на јунакот, гу удри по земјата* [V,PM,-279] – нерегуларна употреба на предлогот **по** наместо 'од': **гу удри по земјата**.

пристóл* m 'царски трон, престол' ~ *нáпкум, си а зéме дујнá-гýзилúјката; Јарăм–Минăрéто и Кă-рá-Џиндéм си óдат. Вóа си сиднýве нă пристóлут на тáтко му, си стăнýве цáр* [ИГ,115.]

пристретна pf 'пречека' ~ *и така отишли на царскиј конак; да излезе царјут дур от вунк портите, го пристретна сос много чест. И фатил царјут да му праи поклони до земјата, вел'ајке на чобано: "сполај тебе, господине, што си прихранил мојте деца"* [V,PM,169].

пристýлкă f 'пресен леб приготвен без квасец' [ЛС(К),94].

пристăпка* impf 'прави престап, не го почитува редот' ~ *кадúата му велú сос л'ýтос за да гу оплáши: "а бре беззакóник, заштó пристăпкаш зáконот спрăти пазарлăкот?"* [V,PM,12].

пристăпни* pf 1.'пречекори' ~ *му отговори: "зашто сам бăрзоходец та, аку немам тиа камени вăрзани аф ногите ми, можи-да да пристăпнам, от крај земја до крај да прјаскокнам"* [V,PM,44] – предлогот **аф** (= 'во') во контекстот покажува проширена употреба и на местото од предлогот 'за': **камени вăрзани аф ногите ми**; 2. 'направи престап,

згазна на она што е ред' ~ *и кату гу сечиши дăрвото, кăлниши Адама и Еву, велиши: "така от Бога да најдат Адам и Ева, што не послушаха Бог, што им порăча, л'у престăпнаха неговата порăка, та сега и ниа са мăчими тука гладни и жедни!"* [V,PM,64]; ~ *рече на сиромаху: "ади сега, побратими, да идиш пак аф гората да сечеш дăрви, да ги чиниш дăски, и ошти едноч да не кăлниш Адама, ча и тој така послуша на жена му Еву и пристапна господинската порака, кату как и тинака* [V,PM,66]– во текстот среќаваме уште еден пример за широката употреба на множинската наставка **-и** кај именките од ср. род: **да сечеш дăрви** (за ова в. во граматичкиот дел); **3. 'притисне'** ~ *тогас и тој, без да сожали за жената му, ча останала без биска, вели на неа: "ба, жену, толко е слатко човешкото месо! Утре јазе как за гу бричам детенто, за пристапна бричот, да гу закол'а, пак ти момата, как за ја чешиш, забиј гребен'ут на шиата! да ја заколиш, да ја јадеми"* [V,PM,240]; 3. 'се повлече, го откажа (даденот збор)' ~ *ала он не пристапна клентвата, што си закăлнал на бунаро, л'у му каза на татко му: "сино ти иде. Да излезиш да го достретиш!"* [V,PM,156].

присуши pf 'кога некој извор ќе секне, т.е. ќе остане без вода' ~ *Соломóн му велú: "дјáдо, горáта побел'á, клáдниците присушúха, двé без трú нé чúнат"... цáр Давúд му вéли: "брадáта ти и кóсмите от главáта ти побел'á, очúте ти присошúха клéпките, нóите* (нозите) *ти без стáп не чúнат"* [V,PM,130].

присáди* pf 'судот реши некој да биде казнет, т.е. осуди некого' ~ *на тóа врéми си суберýва Исус на дванáдесет Ученúци нéгуви, и фатú да и кажýва на нúх шо úма да му дójдат уф нéгу да тéгли: Ету шо си úдими уф И...* , *и Човéшноу Сúн ки прудóсат на Хахамúти и на Граматúцити, и ки му присáдат на нéгу за умрéни* [MV(K),285].

притиска impf 'силно допира до нешто и врши притисок' ~ *пак т'анака на мајка ú велиши: "мале, човек ми притиска това вечер!"* [V,PM,34].

притиснова impf 'врши притисок', в. **притиска** ~ *тој хич не отговори на мечката, туку извадил неговата тешка бозлугана та ја притиснова на мечката. Кату ја удри три-четри бозлугани, мечката фатила: "аман, брате" да вика* [V,PM,215].

притúчфа* impf 'дотекува' ~ *извур вóда извурвáше, ама намăн, úзвур вóда извурвáше,[ду-двé рéки притичфáја, ама намăн, ду-двé рéки притичфáја* [ДК,156].

притрисýве* impf 'пребарува некаде, да нема нешто скриено' ~ *тá ка-чýла, тéт-шо-бúла, прáви идна бăклавúја су-утрóва за-дá-óде дá-му-дáде нá-мóмта и дá-а-утрýе. Уттáм утúшле вúке ама кój шо-ки-зáнце гу-прăвáле, гу-притрисýвăт, кáк му-вúкте вúе* [БМ(Зб),199].

приту prаер 'спроти' ~ *ричéГóспот на Ученúцити нéгуви: Сéкој човéк тó шо ки ми сă кáжи на мéн насприту л'ýдито, и Човéшноу Сúн ки му сă кáжи на нéгу приту óчити на Господúнцки Ангели* [MV(K),299]; ~ *ричé: Ти сă пукајýам, Тáтко, Стопáн на нéбито и на зéмнјата, шо си а скрúл вúа ут книгувúти и разбрáни л'ýди...*

и́стина, Та́тко, о́ти така́ си чини́л пуве́ла прит у те́бе [MV(K),324].

притăрпи pf 'се воздржа, се стрпи' ~ *зет'ут пак гајрет чиниши на неа да притăрпи ошти неколко дена, белким ки ги познајат. Пак фторић ден га мачили нивјастата, и тјанака притăрња* [V,PM,73].

прикé n в. прикиа ~ *"за ја згури́ш', ш'то́ да ти пра́в'а? о́мо́с јас мо́јту прикé, ш'ту гу и́мам ут ма́јка и си гу зва́ја!"* [MS,t,11].

приучи* pf 'даде совет' ~ *пак на папади́јка ве́ли: "а́х папади́јко, ка́к да чи́ними со́с това́ дја́вол?" Вечеро́т папади́јката гу приучи́ дја́тето и, л'у да се́днат да јада́т на трапе́зата, дја́тето ка́ка да ви́ка* [V,PM,128]; ~ *једна жена си имала једна керкă много лоша, наказувала на мајкă си много и хич ни је слушала. Мајка хи ја приучила и хи вревила: "Нимој, керко, тăј правиш, чи си мома, та ни ти прил'ага"* [V,PM,292]; ~ *така младата самовила гу приуча на јунакот и гу фăрли у морету, и тој са чини патка. Ету и старата самовила прифтаса и фатила да испива мо-рету* [V,PM,279]; и: **прăу́че*** ~ *прăбăркáла уф-стóмните, нéма вó-да. И кóга а-видéла жéнта óти си-легнáла миґу-дéцăта, си-ричéла у-сéбе: "Ах óре, јáс с-излăжáх ká-тă-пуштúх пу-крóсно. Нóго тă-прăучúле тéбе, úсе јáс ќă-тă-нăýчаах кáк сă-рăбóте спрути-срé-да"* [ВГ(Бог),276].

приучова impf, в. приучи ~ *после свадбата неколко дена ја крéнува невестата, ја зáнева на Солун на неговите куќа. И ја приучова невестата му сам он, хем ја вели: "ету утри ни дојдат тука базирґаниту. Да глендаш да не ме остpамотиш!"* [V,PM,164].

прифа́ли* pf 'заблагодари' ~ *и-јóн ре́кал: Афе́ндо, да разгле́дам. Исус ричé на не́гу: Обиди, ве́рата тфóа ти лекувá. И на тóа са́ат си привиде́, и о́диши пу не́гу, и му сла́виши на Бóга. И сăто сфе́т ка́ виде́, му сă прифали́ на Бóга* [MV(K),280].

прифа́ти pf 'даде согласност' ~ *"ќи-тă-ýче", ти́: "Не́ зна́м! ќи-ве́лиш. Он ќи-тă ýдре идну-ша́мăр; иднă-шл'ăкăни́ца ќи-тă-удре. Ако тă-ýдре", ве́ле. И де́тито то́ гу-прифа́ти. Дрýгуто де́н гу-зе́ва о́н* [ДК,140].

прифтаса pf 1.'достигне, се израмни со некого што бил пред него' ~ *ошти не битиса Ґурга лафот, ети и крал Милош дека лети со кон'от, ги прифтаса* [MC(B,95]; ~ *от мăра час сетни и тојнака си разбуди и, кога виде, ча марифет му чиниха, фати после да ги тера и ги прифтаса на пăтјут. Они удриха топузката... момата га откинаха, али момата са и вăрнала* [V,PM,64] – присуство на адверсативниот сврзник **али: момата га откинаха, али момата са и вăрнала**; ~ *жéната му вéли: "е, ианúм мăжју, кату гу ви́дох со́с момáта пригăрнат, нифтјáх да му рáсипа кéјфот, пýснах нáште дјáца". Кату чý така чорбаџúата, стана́ гóл и бóс да прифтáса децáта. Кату оти́де и тój дýр на́ мáндрата, чобáниту и нéгу гу истепáха* [V,PM,146]; ~ *му вели на јунакот: "Еј побратими, ти не можиш скоро да бјагаш. Ету татку ми на прифтаса, л'у ади ти да си чиниш пшеница, јаз ки сам падарин!"* [V,PM,278]; **2.** 'пристигне' ~ *амéн утúди да фл'áзи у турбáта да му зид'é л'áбут, прифтáса ч'уфч'úјата* [MS,t,77]; ~ *јáхна кóн'у, ги фтáса цáр'у, з'éнт'уфци и ги устáви и*

прифта́са прӑвна на мурабе́ту то́ј [MS,t,35] – уште еден случај на нерегуларности во конгруенцијата: **прифта́са прӑвна на мурабе́ту то̀ј**; **3.** 'стигне на време, кога треба' ~ *сидимт'а́х гуди́ни сӑ напу́лн'а̣ха и т'а́ за сӑ уж'е́ни, ни мо́гам да ја прифта́сам* [MSt,19]; ~ *ути́ди на гура́та, сӑс фо́рца пруминá, з'е́ мрӑва мл'а́кци и гу прифта́са гура́та на затфа́ран'ету, му гу ску́мна дизги́н'у* [MS,t,36]; **4.** 'успее да се приготви и да замине' ~ *та́м сӑ разбрӑкаха Ѓерма́ни и Булга́ри и сӑ апукли́са нузи́ м'ӑсту, ја́с прифта́сах, си до́ј̀дух туќа́* [MSt,2].

приходи pf 'си замина' ~ *изважда остро ножче и отсече от нога-та му кабата месо, гу дава на карталите, гу изјават, да така пак гу земаха карталите, ошти две дена и две нока́ л'атаха и гу извадиха на горна бела земја, гу оставиха да приходи* [V,PM,222].

прихрани pf **1.**'даде доволно храна, нахрани' ~ *после ручокот тресно-ваши трохите от софрата на моретy; да јуде си научиха три малки риби, дохождаха тамо. Едѝн ден му вел'ат на чобано: "е баштју, до сега ниа бехме загубени, туку ти што на стори туз добро, на прихрани, си нарастохми"* [V,PM,169]; ~ *го пристретна сос много чест. И фатил царјут да му прави поклони до земјата, вел'ајќе на чобано: "сполај тебе, господине, што си прихранил мојте деца"* [V,PM,169]; и: **2. приранѝ (сӑ)** 'ги задоволи потребите од храна, се прехрани' ~ *ранá да сӑ приранѝ нă целă гудинă и некуа лира пари* [ME(P),87].

прихрипне pf 'скокне преку нешто' ~ *като поминало л'атото, тој пак навằрвил с чаплоците и, кога прибằркали пак нằзи рјакằ станали л'уде. На врӑштането тој нихтјал да ја прибằрка, ами терал мјасто тјасно да најде, за да можјằ да ја прихрипне* [V,PM,286].

при́чаф (и: **при́чуф**) adj 'тој што се закача, што прави расправии' ~ *не́ сӑ вӑрше рӑбо́та ус-при́чуф чуве́к, де́к д-о́де са́мо ка́вги пра́ве* [ПГ(Гӑр)]; ~ *ус-те́п ни́кој нă-мо́ш дӑ-живе́е, но́го при́чув чуве́к-си* [ПК,2(88)].

причесте pf 'верски ритуал, христијански, кога свештеникот на верниците им дава лажиче вино (пропратено со молитва)' ~ *му-ве́ле: "Ифе́нди, ту́ка и́ма идну-кӑурѝн за́твур, у́тре ќи-сӑ-бе́се. На́шта ве́ра, знаја̀ш, му-ве́ле, кристија́нцка, тре́ба ја́с дӑ-гу-причестам, му-ве́ле, пра́ф чо́икут д-у́мре* [ДК,135].

причику́ва* impf 'прифаќа, поздравува гости', ~ *и кажу́ваа ви́ки л'у́дите шо би́ле су не́гу, о́ти на Ла́зар му викна́ уф гро́бут, и гу крина́ на не́гу ут умре́ш. Зарди то́а и гу причикува́ле на не́гу л'у́дито, оти му слуша́ле ва́а ч̀у́дба о́н шо чини́* [MV(K),288]; ~ *шо му ве́л'е Ма́рку на Јанкула: ["триш блазе́ ти, бра́то, су ниве́ста[су шен, бра́то, госте причику́ва"* [ME(P),95]; ~ *на то́а вре́ми, ка си и́диши Исус еме́н да фле́зи на идно́ се́ло, гу причикува́ле де́сет ми́на ке́л'ови, шо стуја́ле у-дале́ко. Да му вика́ле, ем вел'а́ле: Исус Пуве́лин, и пуми́луј на́с* [MV-(K),279]; ~ *ка си лафиле, напкум најгулемата мома рекла: "Мале! Да ма земе царут на син мо жена, ки му пустел'ум и ублечум арно уда-ите". Втората рекла: "Мен, да ми земе царут на син-мо, арно ки гу причекувум, ки гу дучекувум"* [V,P-M,267]; в.: **прӑќа́ве**.

причикува́јне n 'моментот кога се дочекува гостин' ~ *на причикувáјне [коа а причику́ват нивéстта* [МЕ(Р),-100].

причи́на f 'поради што некоја работа се случува' ~ *и такá гу туриха и нéгу нéтри при жената, ама у мрăчова: едúн дрýг да си не глéдат. И таја причúна га прáват Турците, за да си не глéдат, та сетни тихúсова са л'ýбјат, та он, што дáва пари, така останýва* [V,PM,11]; ~ *"сто ил'áди, сто ил'áди, јáс, рăчéл, ќо:-зúмум то:-дéте". – "Зăшó о-сáкиш дă-ти-рăбóте?" – "Нă-чéдо мéсто, рăчéл, јáс ќо:-зúмум. Нéмум, рăчéл, јáс дéца, ки-со-глéдум кути-ти шо-си-гу-гл'ăдáл, а шо-вé: причúнта, вúке, јáс незнáм"* [ПД,144].

причистýве* impf 'прегледува, прави нешто да биде чисто' ~ *Нáчи* (значи), *на-упáснуста óјмă. Пá óни, па, клăдéли мăртва сráжа нáприт, едéн тýка – дрýјќ тáм, óдăт гу-причистýвăт мéстту. Пá, плус тó, па идин-кýче лéву-дéсну шéтка усни́х* [БМ(В),192] – во контекстот имаме очигледен пример за нарушена конгруенција: атрибутот во машки, именката од среден род: **идин-кýче**.

причуди (са) pf 'се изненади, се замисли' ~ *царјут отиде на терзиата, му каза; терзиата са почуди и на млого гајле влезе за тоа. Тогас му вели тос гнуснојут калфа: "што мајсторе, гајле имаш? дурде сам јазе". И мајсторот му са причуди, кога и видел, хем и чул така от един калфа* [V,PM,223]; ~ *толку са и причулу това халвашче на гиздавината му, дури и царјут са причуди и мерак чини да иди да гу види* [V,PM,57].

причудин* adj 'необичен, чуден' ~ *едно време един катарџиа, кату отиваши на гората да бери дăрва, на пăтјут најде една желка млогу причудна, га зема, га товари аф едноту муле, га докара на дома му. Как га кладе аф удајата, от желката сетни излезе една мома* [V,PM,78] – проширена употреба на предлогот **аф** (= 'во'), наместо 'на': **најде една желка ... га товари аф едноту муле.**

прич'ýi̯ (сă)* pf 1. 'се разнесе глас, се слушна' ~ *така сетне виде паравиди, царјут викна го халваџијченто, му ја даде момата му, му стореха голема сватба. Са причју на сичка земја, ча царјут момата му ја даде на халваџиа* [V,PM,200]; ~ *идúн друк трăгна ут ибандá да пój у тóс зингúнину; сă прич'ý, ч'ă млóгу зингúнин-ји* [MS,t,46]; ~ *и кату ја виде мајка ú, млого са зарадува, хем плакаха и двата: от момините очи безер рониши, от устата ú маргарит са нижиши. Това са причу дур на царјут* [V,PM,219]; ~ *са причý на сúчката околúа тáмо, ча и дошéл едúн трагóвец млóгу богáт* [V,PM,15]; ~ *така кату са вревиши таја болка, от реч на реч отиде, са причу дур на царјут. Тогас царјут турил тел'али да викат по секој село и по секој грат: кој да знаи таја болка, от дека испаднала, млого мижде има от царјут* [V,PM,194]; ~ *понéже са причýло товá до крáј земја, ча тáја жéна е нај-гúздава, едúн цар сáкаши да га вúди* [V,PM,12]; 2. 'стане познат' ~ *и кату влезé тój, и бúл млóгу сáрп и фатúл млóгу харамúи, са и причýл на сúчката зéмја вéки* [V,PM,27]; ~ *толку са и причулу това халваџиче на гиздавината му, дури и царјут са причуди и мерак чини да иди да гу види* [V,PM,57]; ~ *и кога гу*

извадиха вунка, и бил един личин јунак над јунаците. Зема стрелата и заедноч гу растури калканот. Тогас са причул на сичката земја сос имја калкандилиа [V,PM,102]; **3.** 'се претстави (во позитивна смисла)' ~ *самовíлата сегá, за да са причýи на цáрјут, отíде и́ му вéли: "цáрју, ти са мóл'а да ми дáдиш вáшто кúло да мéрими алтáните, што земáхми от лозјáта хáк сóс мój брáт Панóл". И цáрјут са почýди, от дéка тóлку áлтáни фати* [V,PM,140].

причуен* adj **1.** 'познат' ~ *б ниделја без гјинлјук, а дома нека му гина на љујта работта... ва е причуената турцка ангарија* [ME-(P),73]; и: **2. причујејн*** 'авторитетен' ~ *три минă имăт дел уф негу: Баа-бej, Сали-бej и Саул... – причујејнут банкарин и бугаташ* [ME(P),84]; [ME(P),175]; ~ *тјанака седнала, писала едно писмо на татка и́ така: "тате мој, царју, три керки си имал, трите причуени по сичката земја: двете от умот да ги извадиш"* [V,PM,63] – фразата: **от умот да ги извадиш** (се однесува на нешто многу убаво) од други говори ми е позната како: **от умот да не ги извадиш** (што е и пологично).

пришие pf 'прикачи нешто едно на друго, со шиење, со конец'; сп.: — на капата на новороденчето ќе му *пришијат: крст* (метален или од дрво), *заманска сребрена* пара и парченце од *близнак трн – чалија* (тоа се две гранчиња наспоредно сраснати); крстот се става да биде здраво и Бог да го чува, сребрена пара да биде чисто како сребро, црвениот конец со кој е пришиена парата за капата значи да биде богато, а близнакот трн – *да не гу урочат лоши очи.* Неопходно е на секоја детска капичка да се *пришијат* сите овие работи, а освен тоа, некои ќе обесат на капата и *амајлија* што ќе ја добијат од оџата (или дервишот) (= суеверие) [ТГ,107].

прле impf 'подгорува нешто што има влакна' – свадбата почнува уште во понеделник кога доаѓаат *пусестримите* да *замесат* тесто за 4 леба (*кулаци*), еден за попот, еден за кумот и два за невестата; потоа настанува веселба, некои од присутните ќе истрчаат надвор и секоја ќе донесе по *еден куџак* (= заграб) *ражиница* (слама) и ќе почнат да ја палат сламата таму каде што ќе стигнат, поправо таму каде што некои од *пусестримите* веќе исчистиле, исто така една на друга си ставаат под фустанот од запалената слама божем да ја *прле,* потоа си ги мачкат рацете со црнилото од изгорената слама и си ги црнат лицата, особено тоа и́ го прават (ја *прлат* и ја *црнат)* свекрвата; додека трае ова *прлејне* во куќата не смее да има ниту едно машко лице [ТГ,159].

прúш'ка f 'мало воспалено брумче, обично на кажата на усните'; кај Малецки (од Солунско): 'отечено место на кожата'[MS,s,89].

прија́тел'сву n 'кога некои имаат добри и срдечни односи' ~ *и кă-дујдé блúзу гóрнăта зéмна... сă-свăл'ýва. "Сé јáс ќи-си óдăм, спулáј-ти нóгу, дă-сă-нáјме пák кáу-прија́тели, кă-ќи-дóе рéт, пák зă-су-тéбе дă-и́мме прија́тел'сву"...*

прија́тел'цки adv 'нешто што има особини на пријателство' ~ *субráле пák прија́тел'цки идну-тувáр дăрва, гутувáрвăт măгáрто и си грéде дóма дéтто. – "А бре, сúнко, мájкă-му гу причéка, а бре, сúнко, шó стóри ти тóлку дéна? Јáс ém тă-прижáл'а"* [ДК,149].

про́ба* pf 1. 'изврши проверка' ~ *му-ве́ле же́нта: "Мӑжу, слу́шај ва́ка: та́ са́ка д-ă-на́јдиш ти́. Ја́с ќи-ти да́м слубо́да – о́ди; во́ пе́сукут, му-ве́ле, ва́ пукрӑј ре́ка се́де. Пу-пе́сукут ќ-о́диш... Ва́ кӑрпăта цӑрна – нӑве́чер ќ-о- диш". И то́а му-ве́ле: "Ќ-о́дӑм нӑде́јна, же́но да́ про́бă̆м, дӑ-ви́јме иднă̆ш"* [ДК,134]; **2.** – **(са)** 'се обиде' ~ *ѓу́птино наме́сто ка́ман искара́л едно́ па́рче си́рне и гу-стисна́л. И уд-не́го и́стина пртиче́ла во́да. И зме́о зема́л еди́н ка́ман, гу-стисна́л, то́а са-направи́л пра́х, а́ма во́да не́-пртиче́ла. Зме́о са-зачуди́л и ка̨жа́л да-са-про́бат и уф-дру́го не́што* [ВГ-(Мир),272].

про̨бо́де* pf 'со притисок (или удар) внесе остар предмет пр. нож, во телото на човек или на нешто друго' ~ *на-ме́стото де́ка што́ ќе-спија́л о́н, направи́л от-сно́п ӑржа́н'е чуве́к и од-една́ ле́јка гла́ва и оти́-ша̨л го́ре на-тава́но да-спи́а. На-сре́т но́ќ зме́о стана́л и ус-но́жо не́колку па́ти гу-про̨бо́ди́л* [ВГ-(Мир),272].

Прова́лен Ка́мен top. 'место со карпи' (*провален* = продупчен; в. **провали**) [ЈИ,Ми...,178].

провали pf 'отвори дупка на некој предмет' ~ *тој тога ги ударил по главит'а с тоѓӑтă, и завчас сă фă̆рлили в ă̆зă̆рото, та, от много боликă как хрипкали по ă̆зă̆рото, провалили го, и тиă услă̆кнали, пак ă̆зă̆рото истă̆кло прӑз дупкă̆тă и прӑз срӑд градо* [V,PM,291]; ~ *му вели: "а бре ахмаци хем будали, хич клавам јазе на калпакот ми пари?" Отговориха другите: "ами братко, кату сми слепи, дека да ги клава-ми?" Пак тој им вели:"јазе, братќа мои, ету провалих кривакот ми, гу сторех сос дламбока дупка, та тука нетри ги клавам алтуните"* [V,P-M,189]; ~ *еден ден кату излезоха на едно поли сос млогу бегови да играјат џиритите... една стара си-ромашка жена промина прет негу и носила стомна сос вода аф рамото ѝ. И тојнака, кату фă̆рли џиритут, га провали стомната* [V,P-M,71] – употреба на предлогот **аф** (< **въ**) кога укажува дека нешто се наоѓа одозгора врз нешто, наместо предлогот 'на': **носила стомна... аф рамото ѝ** (м. 'врз (на) рамото'); и: **прува́ле** (пр. *сă̆с сфр'ă̆д'а̨лу*); ~ *сă-прува̨ли́ те́нџă̆рто* [ПД(116)]; ~ *и з'е́ват двами́на ду́ш'а пуина́ фитифти́ра и ут крӑхч'а на крӑ-хч'а прува́л'ат ро́пки* [MS,t,3]; ~ *нив'ӑстата му вили́: "ама́н, мӑнџ'у, што́ за сто́риш', за прува́лиш' бӑнч'фата"* [MS,s91]; ~ *ку́что ко́пе тиме́л'о кулку ма́что дӑ-вле́зе, дӑ-ви́де ко́ј и́ма у-та́а згра́да. Прували́ло ку́что тиме́л'о удӑ-сӑт, ма́что фле́ве уф-нӑтре, флива́јќи то́о ма́что уф-нӑтре гле́де та́м адни глу́хци, адни ми́ше сва́дба пра́ват* [ПК2(264)]; **2.** – **(сă)** ~ *са́ке нӑ-то́о цре́по дӑ-му-сă̆-прува́ле не́ка: ду́пка, ич не́ исте́чуве во́ота, зӑто́о чимре́е мискимбре́то* [ПК,2(89)]; ~ *сă-прува̨ли́ те́нџă̆рто, те́че, са́ке ма́лко кӑла́ј дӑ-гу-кӑлӑјди́-сат. Оште сă-кӑжу́ве: мо-прува̨ли́ гла́вӑта. Е ка́к гу удри́х, мо-прува̨ли́х гла́вӑта* [ПК,2(240)]; 'се направи дупче на кората од брунка, односно на чир од каде што ќе истече гнојта' ~ *смичо́к сă-ви́ке кӑту бру́нкичка нӑ-о́кто, чи́рче, кӑту бра́дувичка, дуде́к сă-прува́ле ќи-тӑ-бо́ле, по́сле...* [ПК,2(240)].

провејуве impf – кога се вари **пикмезут**, домаќинката **гу провејуве**, со лажица го вади горниот слој, и истура во вид на капки на земјата, доколку капката не се расплинува,

туку останува цела, тоа е знак дека **шикмезут** е сварен [ТГ,356].

проглед m 'кога нешто се восприема преку очите' – изр.: **прогледот му си земá** (= кога некој ќе се "избезуми" од погледот на нешто многу важно, односно убаво) ~ *тогáј харамиата му земá кривáкот и побегна оттáму, та га занéсе у домá му. Кога гу отворú кривáкот, што да ви́ди? Прóглендут му са земá на харамúата от жилти алтуни* [V,PM,189] ~ *излела девојката, да пометú рамни двори еден ден. Проминали кралски сеизи приз рамно ѝ двори, да напујат бăрза кон'а, и видела сеизиту на девојката. Шјаштисали, штото прогледот му си земá;* ~ *кату отвореха удајата, видоха, една мома имало зографисано тамо, штото на земјата таквас да нема втора. Кату ја виде цáрјувото дете, падна тамо кату умрјант, проглендот* [V,PM,232] (Ст. Романски си поставил прашање дали *проглендот* значи 'проклетиот' (?) [V,PM,558]; сепак мислиме дека се работи за превид, т.е. дека реченицата не е завршена, а би требало да гласи: *прогледот му си земá*, како што е во претходните контексти, но тој веројатно немал увид во тоа).

прогледни* pf 'управи поглед' ~ *прогледнá на гори кадé дăрвоту и, когá видé хáрно, дăрвоту е бúло ... пăлно сос драгоцени и млогу скăпи кáмини* [V,PM,7]; и: **прогленда** ~ *дек си чудиха, и дошел един лекарин, го виде и му рече на цáрјут: "да има от пиле млеко да го намажете, ке прогленда". Тогáј двете зентјуви кинисаха да хождат да брăкат от пиле млеко* [V,PM,160].

продаде́ pf в. **прудáва** (= даде нешто во противвредност за пари) ~ *порача на жената му, неговата пушка да га не продадé на друг авџиа* [V,PM,-40] – во текстот одново имаме интересен ред на зборовите: глаголот и кратката зам. форма се разделени со негацијата: **неговата пушка да га не продаде́**; ~ *влева нетри жената му, си заклушта нетри, са искри. Га дојде арапинот отвăнка, што да види: ниту алтуни има, ниту от жените му подна има, сал сандукот стои тамо. Гу здигнова сандукот отаму, ... гу занесе на Солун да гу продаде* [V,PM,235]; ~ *дéсет корáби, ги напăлни́ стóка, му дадé и едúн прăв гимицúа и гу прати да гу продадé онова имáни и да си вăрни насáм* [V,PM,13]; ~ *такá га извадúха кăштата на тел'ál да га продадáт. Тел'álот вúкаши по чаршúата, светóт артирúсоваха* [V,PM,18]; ~ *татковото му имáни около две-три годúна гу продадé, гу изјáди сос побрáтимиту му и сос посестримкúте: тој останá кату прóсик гол* [V,PM,7]; и: прудад'é* ~ *му вилú ... : "т'éс ш'ту за дójат, ни прáви да сă пикája у инó ш'иш'é да за му гу прудад'éми л'ăк на т'ăх"* [MS,t,36]; ~ *и ч'ákами с'étн'ạ туџ'árин (émборус) за да дój да гу укýпи и ни да гу прудад'éми* [MS,t,5]; ~ *магáр'ạту да гу закáраш' на пазáр'у да гу прудад'éми* [MS,t,55]; ~ *ни имáш'и л'áп за да ги схрáни тајфáта, си ја прудáди кăш'тата на н'éгу и т'á си стóри инá кулúва* [MS,t,48]; ~ *фтáса пампóр'ут другајут д'éн' у Амéрика, прудáдуха сул'та* [MS,t,86]; ~ *Бужано, моме, Бужано,[Бог да јубије татку ти![што си прудаде чифликут,[двеста погуна ливади,[триста погуна угаре* [ТГ,92]; ~*"чунки си ашик за мене,[дил имиш мирак пу мене,[камо ти

којна сус тебе!?" – "јас имах којна сус мене,[си гу прудадех за тебе![дур да са најдум сус тебе [ТГ,328]; односно: продај ~ *Танка Арнаутка излизе на пазарот, тури един тел'ал и викаха, и така не испадна некој луд да продај керка за многу пари* [МС(В),93].

продвикне pf 'извика силно' – според легендата *Св. Трипун* кога го режел лозјето слушнал женски глас како пее и *са продвикнал: ох, ох, ох!* Потоа режејќи го лозјето со срп, од невнимание си го пресекол носот. Народот верува дека Господ го казнил затоа што се *продвикнал* на својата сестра мислејќи дека е туѓа жена [ТГ,29]; сп. сеќавања за **русалиите** — кога **русалиите** ќе стигнат во некое село, ќе се пријават кај кнезот, попот и питропот и ќе замолат да им биде овозможено да играат во селото. Додека се кај црквата, попот ќе ги благослови а тие редум ќе излезат низ црковната порта и пред портата ќе одиграат 2-3 *русалиски* ора – пред да почнат да играат водачот на групата малу ќе потрча, и сите други по него, и откако ќе ги вкрстат ножевите и ќе ги удрат малку да свекнат, ќе *се продвикнат: "Охохохохо!!"* Потоа почнува играта [ТГ,224]; ~ *му паднала на Јуванче дури тешка дремка;[што си веле ем гуворе Попово Јуванче:["Ванѓелино, Ванѓелино моја прво л'убо,[да ми викниш една песна, Ванѓелино мори,[малце речувита џанум ного гласувита;[белким дремка, Ванѓелино, ки размине, мори".[Ванѓелина атрџијка, атр не скршуве,[си извика она, грејна, една лепа песна,[се продвикна, Ванѓелино, Попово Јуванче* [ТГ,40] -- во контекстот го среќаваме лексичкиот архаизам **леп** 'убав', познат нашироко во јужните егејски говори, особено во југозападните, сп. во Костурско: **лепа чупа** (= убава девојка); и: в. **прувикне**.

прóедрус m 'одговорен, тој што има власт' ~ *ви́кна с'élуту да гу пш'ифи́сат и да гу зва́дат про́едрус на кра́тусут* [MS,t,86].

проз prаер 'укажува на премин низ некаде' (в. **прис**) ~ *и хи ре́че: "Л'у́бе, ма́лка мо́ме, мо́е весели́у, на ску́та ти ма́лку шта задре́мам, та да гле́даш прос* (sic!) *зла́тна пенџју́ра, аку да ви́диш от на́зи ба́рчи́на да са подаде́ н'а́ква ма́гла, и на че́са да ма ру́каш* [V,PM,260]; ~ *и о(т) три дни се́тне́ са е́ви один чјол'ак на окнотó и ру́кна: "Побра́тимје на́ ти за захме́те и за мл'акуто, што́то ма хра́нешје!" И фӑрли про́с* (sic!) *окно́то адна́ зашие́на то́рба и ште́ше сабри кӑштата, като́ фӑрли́ то́рба́та* [V,PM,261] – формата **проз** м. 'през, низ' е позната не само во јужните туку и во други говори, но тоа не му било познато на редакторот на Зборникот и затоа запишал: *про́с* (sic!).

прозорец* m 'отвор на ѕидот за да влегува светлост', в. **пенџере** ~ *одеки по конецут, утишла на колибата кӑде момата. Момата затворила вратта. Самовилта и́ рекла: "Пушти си прӑстот низ прозорецут!" Момата си гу пуштила. Самовилта и клаве един прӑстен и умире момата* [V,PM,269]; ~ *и де́тто зӑ-една́ нӑде́л'а вре́ме, о-иска́рувӑт ут-ко́жта: сӑ-истинчи́ла тӑ-ко́жа ут-ку́чишкӑта пе́пӑл. И излéве нӑпрӑзо́рӑцо, пуми́нувӑт не́кој де́ца, им-ве́ле: "Слуша́јте де́ца, уде́јте дӑму-кӑжте нӑ-ца́ро: до́ктуро гу изл'ӑкува́л де́тто"* [ПД,149].

прозо́рче n, dem., в. прозорец ~ *му ве́ле пе́тјут* (погрешно пишува: 'напе́тјут'): *"Ја́с мо́жам да-напра́вам една пала́та ка́ква са́кам, су-то́лкава прозо́рче, су-то́лкава ду́пка"* [БМ(В),195]; ~ *ви́ка: "Пре́ку ја́мчито, ви́ка, пре́ку прозо́рчито вле́зе, ви́ка, еди́н га́лап и-ми-се́дна на-ра́мото, попра́во надесното ра́мо да́же, ви́ка, и-а́с, о́п! да-го-фа́та и-о́н си-ле́тна, искочи од-прозо́рецо"* [ЛС(К)111] – веќе истакнавме дека гл. **искочи** 'излезе' го немаме сретнато во материјалите што ги користиме; ~ *ка-са-разбуди́л пу́ле – же́на не́ма. Са-пушти́л пу-зе́мја да-ло́ва, да-пала́. Не́ма. Пу-не́го де́-бре, де́-бре, пре кра́ја и-фтаса и та́м ќи-ј-пупре́че. И то́гаш му-ве́ле: "А јде, ти пра́ви-а пала́тта су-аднато́лкава прузо́рче"* [БМ(В),196] – очигледен пример дека категоријата род во долновардарските говори е сериозно засегнат: **су-аднато́лкава прузо́рче**.

про́јде pf 'замине, отиде' ~ *Сто́јна ба́ли кра́ј Вардаре,[Ва́рдар до́јде, про́јде,] јодзе́ Сто́јна надо́лу,[надо́лу ка̀нда́ р'а̀ката,[чобан на́се ста́дото,[те́шко ста́до бели́цко,[Сто́јна му вели́-гово́ри:[– "Јој Чобанче, хајва́нче?[Извади мо́ма о́д ба́л Ва́рдар,[Јоднёси ја у дома́ и́"* [ПсС(З),75].

про́јма f 'пладне' ~ *на про́јма за пу́сна о́луве́ту да пладн'а́т* [MS,-t,65].

прокефалциа m 'во свадбениот церемонијал учествуваат две деца кои што најавуваат дека ќе се оди по невеста; нив невестата ги дарува со перници (оттаму и називот)' ~ *така отварјат удајата, влеват тиа двете деца. Нивјастата им бакнува ранците хем и дарува двете по една перница. Тиа двете деца са именуват прокефалции* [V,PM,249]; Романски со право истакнува дека се работи за превид во именувањето: **прокефалциа**, бидејќи називот е изведен од **проскефало** (= перница), па оттаму и заглавниот збор треба да гласи: **проскефалциа**.

про́киш m 'само од себе потквасено млеко, без да му се стави маја' [ПК,2(89)].

проклёт* adj 'кога некој е проколнат, кога е под клетва' ~ *до́јранските мо́ми кре́хто се-сме́јат,[кре́хто се-сме́јат и на-Го́лаш ду́мат: "Ој ти Го́лаш, Го́лаш, пла́нино проклёта,[во те́бека Го́лаш тре́ва до-рамёна,[тре́ва до рамёна,[кра̀фје до-колёна* [ПК,2(89)]; ~ *проклёти ни́а човёци, штоту крада́т или зему́ват чу́з ха́к* [V,PM,28]; клетви: **коранут да ти е пруклет** (= да немаш среќа во семејството и во поколението) [ТГ,320]; **уу-у, пруклёто да̀-си, ка́к са̀-зава̀рниш до́ма, ка́ ќи-гувбриш зми́ј и гу́шта̀ре уд-у́стта да̀-ти па́ѓат** (= со овие зборови бабата го проколнала девојчето оти не ѝ дало вода да се напие).

проклѝнан adj 'тој врз кого е фрлена клетва' – народот верува дека е **проклѝнана** онаа куќа во која не влегуваат ластовички и преку која не летат штркови, оттаму и изреката: **"Куќа биз ластавички, куќа биз здраве"**, а ако дојдат нови ластовички, тие што не биле минатата година, се верува дека ќе им дојде нова среќа: *"Нови ластавички, нов касмет"* [ТГ,386]; в. **прикѝлнат**.

прокопиа f 'среќа' ~ *царјут, как гу виде така пожален, фати да му вели: "ади, зетју, немој имаш гајле! Тинака не помниш, каков татку имаши, ама сос твојта прокопиа за три или четри години си добил сос кила алтѝни"* [V,PM,51].

прóкóпса pf 1. 'успее (во нешто), се усреќи' ~ *тój ја гóни: "мáн' ми сă утýк! т'éс м'ạ настúсаха да с'ă тój за м'ạ прóкóпса!"* (иронично) [MS,t,37]; ~ *но тинака некоја богатска мома да не земиш, туку брат ти, што има една хизмиќарка, она да га земиш, ча она има кăсмет... ама за твој кăсмет аку купиш, да знаиш, ча нема да прокопсаш* [V,PM,85] – остатоците од падежниот систем кај заменките во овие говори не функционираат; сп. веќе споменатата употреба на номинатив **она** наместо формата за прав предмет 'неа': **има една хизмиќарка, она да га земиш** (м. 'неа да ја земиш'); ~ *ала татко и ја прибера, ја спанди, вел'ајке: "калек ки дојди на кавгата с мене и јаз да прокопсам"* [V,PM,159] – во иронија; и: **прикóпши:** ~ *господáро му вéли: "немój јазăк чúниш на тúа дéца, л'у éла јáзе да ти дáм харчлăк за душáта ми, да гу пýшташ товá по-голéмото дéте нá голéмите сколúи, да прикóпши"* [V,PM,149]; **2.** 'одгледа, исчува' ~ *чорбаџúата кату са вăрнаши от хаџилăкот, конăк чинú нá чобáнските кăшти, гу видé момчéту да е млóгу прокóпсану, ги пита на чобáните и му вéли: :"господáри, вáшо и товá дјáте?" И óни му вел'áт: "товá дјáте, хаџúа, нé и нáш, ... гу земáхми и нúја гу прокопсáхми"* [V,PM,146] – нерегуларност во родовите опозиции: **товá дјáте,...нé и нáш**.

прокопсан adj 'успешен, добар' ~ *за вилеетут пари на можиши да артиса да пусни и ниту можиши на вилеет да иди, кату другите мајстори. Жената му беши прокопсана и родила едно момче, гу нарасла и гу пушташи на скол'уту да са учи* [V,PM,86]; ~ *чорбаџúата ... гу видé момчéту да е млóгу прокóпсану, ги пита на чобáните и му вéли: "господáри, вáшо и товá дјáте?" И óни му вел'áт: "товá дјáте, хаџúа, нé и нáш"* [V,PM,146] – присуство на сврзникот **да** со декларативно-интенсионално значење наместо 'дека': **гу видé момчéту да е млóгу прокóпсану** – за ова поопширно во граматичкиот дел.

прокопсова* impf, в. **прóкóпса** ~ *еден ден кату ходиши на нивата, излези кăсметјут му прет негу и му вели: "господине, што така са мăчиш напразно? Не гледаш ли, ча не прокопсоваш?" И тојна(ка) отговори: "што да чинам?" Пак кăсметјут му вели: "да идиш да земиш едно вреке и тука да дојдиш"* [V,PM,82-83].

прóлет f 'годишно време што доаѓа по зимата (од март до мај)' ~ *да ми дунéсиш два клáса жúту, и јáс да знáјам, кóга е прóлет* [МЕ(Р),94]; ~ *прăкăрáме тáа зúма тáм, вúкме: "Нă прóл'ăт ќи-с-јóдме, ќи-ш-јóдме, сă-стóпле, кáк дé-ј ќи-с-пудréде". И тăкá, тăкá, устăнáме тáм* [ПК,2-(Мор–219)]; ~ *кăде-нáска двá-пăти и-стрúжăме. Пăрвăта вăлна авúкăме* **стáра вăлна**, *сéга прóл'ăтта шо-ки-сă-стрúжат, а втóрăта пă, éсăнта стрúжăна, та: ја-вúкăме* **јáрина** [ПД,157]; ~ *цúнка е пúле зúмăта ио вúке:* **цúн, цúн, цúн**. *Знăм от друјсте ú вúкăт* **сúпка**. *Сúвичкај, а тýк úма бéл гердáн. Обично зúмăта* **цúн-цúн**, *а сéга нă прóл'ăтта* **цú-цú** [ПД,126]; ~ *тáа зúма нидăвáа јăдéне, нă-шлéн п-áдно кúло лéп ни-дáвше цáро уф-Сáфја ká бúме. Уф-аднá стáја шéс фăмúли сéдăхме. Нóго нăрóт. Тáм бạгáхчто, кут нéкуј цúгăне кáк сă. Ти ќи-сéдиш тáм нă-тó ќóше, јáс тáм, тó тáм. Шéс кăшти сме сидéли, шéс фăмúли. На-Питрóвдин нéли бигáме и дујдé*

пр̀олит [ПК,2(Мор–219)].

пр̀олитин* adj 'нешто што се однесува на пролет' ~ *И тр̥гá рéкaл óти: "Не-милýвaм дa-живéaм, нa-Гóспр̥, ќи-ми-нaпрáјш птúцa, не-милýвaм живóт вéчи. Кáде-е брáт-ми, тáм и áс". И зaтвá вúкa "т'ууx"* (име на птица), *знáчи пр̥-нáши: "т'ух" се-вúкa: "Штó нaпрáјaх". И зaтвá вúкa* (птицата), *мój пр̀олитнр̥ вр'á-ми вúкa сáмр̥* [ЛС(К),116].

пр̥мéн'ува (си) impf 'се дотерува', **в. примени (си)** [ЛС(К),94].

прóминант* adj 'тој на кого му поминало времето' (во случајот за склучување брак) ~ *и на нос цар имаши до три дивојки харни. Едната, векu нај-гол'амата, проминанта и била, а средната и била токму на временто и, и најмалката и она дошла за армасувани* [V,PM,159].

промáсти pf 'измести нешто од едно на друго место' ~ *змиáта му сă примолила да идат зaйдно в йднă горй, от там да му набйрй jаковитй билкй и за сйвдй. Змиáтй набрйла билки и му дала, като му казала, чи йднáтй й за jакост, и кога й носи, ќу можjй цалй планинй да тарколи и промáсти* [V,PM,289].

Пропаст top. 'дол' (Ловча, Драмско), сп. стсл. **пропасть**, според Иванов во говорот апелативот е исчезнат [ЈИ,Ми...,178].

пропрjант* adj 'стои допрен до нешто стабилно' ~ *и му вели лудојут на умовитојут: "jазе, брате, jа умух на мајка главата". Тогас умовитојут познал, ча jа попари тој мајка му. Станаха оттамо и двата, отидоха у дома. Га гленда умовитојут, што да види? Мајка му умрjанта на фтисот пропрjанта* [V,PM, 229].

прр̥пýшти* pf 'изостави' ~ *трéти пáт óдат. А нa-нúф ни-се-сáн'ал, квá билú гр̥-дáли óште, тýкa прр̥пýштaх, нa-брáтó, нa-гр̥л'áмjр̥ и-нa-дрýгjр̥, трéта, четвáртa вéчар и-тaкá нa-тáму* [ЛС(К),113].

прос(т)* adj 1.'необразован, односно малку образован човек' ~ *пáк господáро му вéли: "áми на кој скол'у ги пýшташ?" Бахчеванџúата му вéли: "ej ги ти, господáр мój, ги пýштам такá на прóсти учúтели да си наýчат мáлко"* [V,PM,149]; ~ *му вéл'ат: "аман бráте, ти са мóлими да ни кáжиш едúн лáф! Ету цáрjут сáка от нáс да му нájдими каршилáкот: едúн човéк да рабóти по шejсéт пáри на дéн, вéтко бóрч да плáшта и кáштата да си глéда" А ргáтино му вéли: "не знáм jáзе нúштu, брáтќа мóи, jáзе сáм едúн прóст човéк"* [V,PM,118]; ~ *санким ти не знаиш! Сакиш сус нас, прости л'уѓе пеза да са бијиш* – така му одговарале селаните на Ст. Тановиќ кога собирал материјал (фолклорен, дијалектен) во Гевгелиско [ТГ,2]; 2. 'неснаодлив' ~ *"Е, е, ми аój, áс си-j-нáлувúх уд-ѓóл'о. Тú си, рéкла, пó-jáк, ýтре к'-ójме и тú ќинáлóвиш". И тóо, нéли лисúцта пóúтра а óн пó-прóс, óн зúме адна вáрчва, óна адна лéјкичка, ќи-флéзат ф-ѓóл'о, ќи-нáлóват рúби* [ПК,2(224)]; 3. 'едноставен' ~ *глéде адúн гáрчки вујнúк стó нă-пáто. Нúй ójме зá-Гáрција, мúслиме óти пáк е тýрцко, ќи-нéма грáјница. "А, вúке, нúй уд-Гáрцте бéгиме, пá нă-Гáрцте к'óдиме". И дујдéме ду-нéго, зăпрéме. "Зăпрéјт кóл'те"; пé-чéс кóли тăкá, прóсти кóли, ус-двé тăркáла* [ПК, 2(220)]; 4. изр. **да не ти е прости мл'акуту** (= вид блага клетва) ~ *и пак отговóри стáрата на синá си, рéче му: "Чéдо, jас та сам бизáла*

и хра́нила, и ни штеш да ма ожéниш. И ако ни ма ожéниш да né ти е прóсту мл'ákуту, што тá сам бизáла" [V,PM,264]; варијанта: **ни́ту да ни ти е прóсту** ~ *адна стáра мáјка млóго, што не мóжеше ни́ту да хóди, ни́ту да глéда ут стáрус. И ре́че на синá си: "Си́нку, ни́ту да ни ти́ е прóсту, аку ни ма ожéниш"* [V,PM,262]; сп. **ус-прóсти ра́ци** 'се кажува за некој што не знае занает' ~ *вéле нă- стáрио: "Шó ки-ми-сă, вéле, ти: пăрú?, дáј, вéле, нéкуј динáр кóлко пу-пăто дă-нă-устáнум глáдăн, дă, дéка ки-мă-нóсе Гóспо, јáс тáм ки-живéм. Јáс, вéле, нéмум зăнáт, ки-печáл'ум ус-прóсти рăци и ки-зи́м цáрскăта мóма?"* [ПД,146].

прóс'ạк (и: **просик**) m **1.**'човек што проси, што бара милостина' ~ *му вили́ на ки'éнудóхину: "ш'тó ч'ув'ăк и тóс, ш'ту киманúса?" – "иди́н н'ăм прóс'ạк"* [MS,t,29]; ~ *еден суариа го и познал н'амојут, му вели на пашата: "ефендим, тос и н'амојут просик". Викнаха тамо просицкиот иснаф, ги питат просицету за н'амојут* [V,PM,178]; ~ *му вил'áт: "иди́н прóс'ạк и́ш'ти, да т'ạ ви́ди, л'ák да ти дад'é"* [MSt,24]; ~ *пóситн'ạ пруминá и иди́н прóс'ạк ... т'á му вили́: "ми ги ни дáваш' тфójт'ạ рýби и на м'éн'ạ"* [MS,t,23] – посебност во редот на зборовите: заменските форми и глаголот се одделени со негацијата: **вили́: "ми ги ни дáваш' тфójт'ạ рýби"**; ~ *утúва иди́н д'ăду на гул'ámајут брáт прóсјак* [MS,t,80]; ~ *хóж'да д'ăдуту на мáлкајут брáт на пóртата прóсјак* [MS,t,80]; ~ *"за ш'étати пу сукáциту, катý прóсјац'éту ут кăш'та на кăш'та!"* [MS,t,84]; ~ *татковото му имáни около две-три годúна гу продадé, гу изјáди сос побрáтимиту му и сос посестримки́те; тој останá кату прóсик гол* [V,PM,7]; **2.** изр.: **сă-вóдат куту прóхци (= постојано се заедно)** ~ *сă-зăвудéли куту прóхци, já ти-ј úдат, умрéла сум зă-нúхка* **[ПК2(196)]; куту прóсик за стáп: а.** 'кога некој по секоја цена сака да зачува нешто' ~ *кá сéј фạтúл, алúс прóсик зă-стáн;* **б.** 'настојување да се задржи нечија наклоност, обично на посилниот' [ПК,2-(169)]; клетва: **просјаци да водиш,** односно: **просјаци да раниш (=** семејството да ти се состои од просјаци) **[ТГ,319].**

Прос'ачен top. 'поголемо село во околината на Драма', сп. *просек* 'пресечено место', стсл. **просѣкъ** [ЈИ,Ми...,179].

прóс'ạцки* adj 'нешто што упатува на просјак, просјачки' ~ *сă убл'ákува т'á у прóс'ạцкит'ạ рýби и трăгна пу пăнт' да úди* [MS-t,23]; ~ *усáмна хýвав'ạ, стáна мумáта ут кампúната, ш'ту бúш'и сăс прóс'ạцкит'ạ рýби* [MSt,24]; ~ *еден суариа го и познал н'амојут, му вели на пашата: "ефендим, тос и н'амојут просик". Викнаха тамо просицкиот иснаф, ги питат просицету за н'амојут* [V,PM,178].

прóсе (и: **проси**) impf **1.**'кога некој моли на улица да му дадат милостиња (обично **со испружена рака)**' [ПД(Фур)]; ~ *Как ричé ви́и лáфови, и пл'ујнá дóло, и прави́ кáл ут пл'ýнката, да му а липú кáлот уф óчите на слéп'от. Да му ричé на нéго: Оди си, мúј си. Кумшúити нéгови, и дрýзи шо гу знáја пóскоро óти бéши слéп, вéлеа: Нé и вóа шо сéдиши да прóсиши?* [MV(K),258]; ~ *по дно времја имало еден просек, ката ден по чаршиата сос лирата*

му свириши и просиши [V,PM,**196**]; ~ *и ѓávуло óде на-чéшмăта, сéлцки чéшми нéли úма. Бáбăта óде да-с-нăпú: вóда уд-чéшмăта, ус-пăлăн прăгáч лéп – кумáте. И-вéле: "Е, дă-тă-фýкне, ój ти прóси кумáте, а já твójo мăш двé лúри ми-дăдé, скрijáл-ej ут-тéбе"* [ПД(144)]; ~ *сетни тја што да прави? Фатила да проси от порта на порта, и така отиде на царјувата порта и стојала вазиден. Тамо ја виде царицата таквас мундра, што стојаши в портите* [V,PM,**209**]; ~ *и тојнака, кату чу така, стана оно час и фатил от селу на селу да проси и просејке-просејке отиде на вилеетут* [V,PM,**87**]; **2.** 'се моли на Бога' ~ *и такá Гóспот го милýваши, и когá да прóсиши нéшто от Бóга, му дáваши* [V,PM,**16**]; **3.** 'бара' ~ *по дно време един цар имал стребрјан тас; л'у да го лизноваши тасот, што да и просил от негу, му и доневал. Така на голем ихтибар гу имал тасот* [V,PM,**236**]; ~ *она му каза: "ходи на морету! тамо е моја мајка. Да викниш три патја Богородица, а от морето што излези еден цăрăн арапин с едено му дудак (усна) на морету, едено у на небето; а от него да просиш 40 јајца с по еден зајк нетре"* [V,PM,**243**]; **4.** 'стројува, уговара свршувачка' ~ *имал дете за женидба, и пуснал просинити ... те, кату отидоха, да ја просат, и кату видоха таквии чудби от момата, забравиха бил'ам хич да кажат* [V,PM,**219**]; ~ *имáш'и идúн паш'á ина́ мóма хýбава; ино́ сирумáш'ку д'ăт'ă ја и зал'ýб'ăл и утúди да ја прóси* [V,PM,18]; ~ *за пусни јунакот просинити да му ја просат дивојката не само еднош, туку млого пăти. И веки от млого просини за мо ја дадат, зашто една дивојка, ако ја не просат млого и заеднош да ја дадат, онаја дивојка нема ихтибар* [V,PM,245]. Сп. уште: ~ *му вилú цáрувáта мóма пák: "с'ă јáз за пýснам прусинáри, да т'ă прóс'ам; ти да ни кандúсаш'"* [MSt,28]; ~ *пујнó вр'ăм'ă имáш'и идúн паш'á ина́ мóма хýбава; ино́ сирумáш'ку д'ăт'ă ја и зал'ýб'ăл и утúди да ја прóси* [MS,t,54].

просештими adv 'просејќи', в. **просе (проси)** ~ *рекле: "Ад да са чиниме просјаци, просештими са по куките, ки а најдиме!" Просештими са отишле на царувата куќа. Па на сестра им ú са добило дете* [V,PM,270].

просин adj 'нешто што се однесува на **просо**' ~ *тоги Април му риче: "Ки ти чинум един дослук, ке ти дадум едно ново семе от жито да го сеиш, да да чиниш ного жито". Му даде просино семе; ка го сеа офчарут, са чини едно просо за памет* [V,PM,294].

просини n 'чинот кога кај девојката е дојден стројник со порака од родителите на младичот младите да се свршат' ~ *как за си л'убјат јунак и дивојка, за пусни јунакот просинити да му ја просат дивојката не само еднош, туку млого пăти. И веки от млого просини за мо ја дадат* [V,PM,245].

прóсинка f 'жена што проси', в. **прóс'ăк** [MS,s,90].

просинити pl (в.: **прусинарин** m)* 'стројници, тие што уговараат свршувачка' ~ *имал дете за женидба, и пуснал просинити ... те, кату отидоха, да ја просат, и кату видоха таквии чудби от момата, забравиха бил'ам хич да кажат* [V,PM,219]; ~ *как*

за си л'убјат јунак и дивојка, за пусни јунакот просинити да му ја просат дивојката не само еднош, туку млого пăти. И веки от млого просини за мо ја дадат [V,PM,245]; *~ немаши веки рахат од просинити (стројници), кладе тил'ал по сичката му земја да вика да си собрат сичките јунаци, ча цајут чини една кал'а меѓу една вода: кој јунак ке скокни кал'ата, на негу ке да даде нај-гол'амата му керка* [V,PM,61] – предлогот **меѓу** се јавува во необична констелација: **една кал'а меѓу една вода**, веројатно поради аргументот дека водата (реката) има два брега.

прóск'éфал m 'мала, полнета постилка врз која си ја ставаме главата кога спиеме, перница' *~ му дáдуха прóск'éфал да сéдни; му р'éч'и д'ăт'ạнту: "úмам вăлна на ганьóт!"* [MS,t,78]; и: **прускéфал** *~ нóс бóлнцју си з'é идúн кáмин', си клáј прускéфал на главáта; спáха нóс в'éч'ер тáм* [MSt,46]; *~ стáнува ж'инáта-му, клáва идúн прускéфал дóл јургáн'у, гу пукрúва дур гóр'ạ* [MS,t,13].

проскомодúа* f 'дел од црквата, поточно од олтарот' *~ и сăти л'ýди пáк сă мóлиа на Бóга нáдвор на саáтут на тимнјáн шо испáги. Ету му си кажá Ангелут крă нéгу Господúнцкут, шо стóиши уф дéсну уф валтáрут на проскомодúата. Да ка гу видé Профúтин Зааријн сă путрисé и сă уплашú* [MV(K),294]; *~ му дујдé врéмито да флéзи уф-проскомодúата катý кáк имáл нáкри Бóга, на саáтут на проскомодúата, са угудú да тимнја тúса, ка флéгал на Господúново валтáр* [MV321].

прóсо n, bot. Panicum miliaceum 'земјоделска култура од родот на житариците, има округли мали зрна' *~ Дéтто аднó врáпче стăнýве, литнýве, óде нă-цáро нă-пулúцта зăстáнуве, сă-стурýве адна кúтка, ама кúтка дă-нé а-фáтиш уфрăкта. Сă-стурýве адно прóсо. Утпрóсто сă-стурýве адна квáчка* [ПК,2(Ним–264); *~ и дјáдотó му кáзал: "Да са вăрнеш, сúнко, да му потéраш пет кóн'а натовáрени: едúн сос пченúца товáрен, друк сос мéт и едúн сос прóсо, и едúн на тéбја, дрýгиа за невјáстата"* [V,PM,258]; *~ един ден са субрале сите жита. И дудека са фал'аа сите заедно,... белото просо пак са тракалише на наќи на ваќи, и ка му са бактиса слушаќи, ... и им рече: "Мулчејте, мулчејте, ајнаци ценабетлер! Трабуве една гудина чувек да чека, па така да му дајте леб. Ка ки ва пуштат за леб да дунесте, една гудина трабуве да пумине па така да дојдите! Ама јас! – За 90 дена никнувум, израстувум и леб дунесувум". И чиницта и ичуменут и ржта, ка чујаа вија лакрдији, толко са устрамија, дури на среди пукнаа уд мăка"* [ТГ,343]; спроти празникот *Мартинци* има обичај домаќинката да земе и да стави во *ирамот* (волнена престилка) бело просо, не гледајќи колку ќе земе и со него *прасејве* (растура, фрла) околу куќата, зборувајќи: *"Кога душмајне воја просо ду зрно ки гу суберат, тоги и нашут касмет да гу праземат!"* [ТГ,16].

простéни* n 'прошка' *~ рéкал на нúх: Шо такá бéши писáно, и такá му бúло да сă мăчи Христос, и да ужúвéи ут умрéш на трúта дéна, и да си прикáжи на нéгувуто úми пукајáчката и простéнио за грéхови на сăто инсáн* [MV(K),335].

прости (и: **прусти**) pf 1. 'кога ќе престане да се лути за некоја навреда, односно

да бара одмазда' ~ *ка́жи ми, ве́ле, си́ну ка́жи ми![ти но́гу гре́ува и́мѝш[бел'ќи ма́јка ќи ти-ј про́сте* [МЕ-(Р)101]; ~ *му са поклони́ на мӑжо и́, да га про́сти зарди́ гну́сните лакарди́и* [V,PM,16]; ~ *чини еден поклон на владиката и му вели: "да ми простиш, владика мој, ету сега ти прикажувам за твоите карагроши"* [V,PM,40]; ~ *та́тку м'ạ има́ш'и пукална́нт, да би́х ста́нал магя́р'ạ, с'ӑ м'ạ прусти́ та́тку* [MS,t,55]; ~ *"да зна́ш', ч'ạ ти сӑ прусти́ха гр'ӑхуве́ту, да гл'е́даш' да ни сто́риш' дру́ги гр'ӑхуви!"* [MS,t,44]; ~ *с'ӑ јаз за т'ạ ку́п'ạ па́к ама́ т'ạ ни пу́ш'там в'е́јки и да т'ạ прусти́ та́тку-ти* [MS,t,55]; ~ *му пиша книга молена: "или кабаатот да ми простиш или глоба ки ни глобиш". Он му риче: "Ни кабаатот ти простам, ни глоба ти глобам"* [МС(В),93] – во контекстот имаме уште една потврда за употребата на перфективниот презент во овие говори: **ни кабаатот ти простам, ни глоба ти глобам (м. '... простувам')**; **2.** 'престане да бара да му се врати долгот' ~ *он не́ма дӑ-ти-ј в'ӑрне пари́те, зӑто́ по́ӑрно ти да-му-про́стиш бо́рцут...* [ПК(Гя̆р)]; **3.** 'ослободи некого, дозволи да замине' ~ *пак онаја вели: "да везми мајка му девет мјахови мет благ, да турни по пя̆нтјут от дома му дур тука, можи тогас и ниа да му простиме да си пои"* [V,PM,228]; **4.** – **(сӑ)** 'се збогува, се поздрави' ~ *пусе́стримте ќа а но́сӑт во́нка да сӑ пруштя́ве. Пе́ạт: отдили се мо́ма,[уд ма́јка ут та́тко,[уд бра́тја ут се́стри,[и уд ро́д-рудни́на. Ќа а ќа́чӑт на ко́јнут, ќа а искя́рạт ут се́лто няво́нка, ќи сӑ про́сте ус та́ткуто, ус ма́јкạта* [ИГ,117]; ~ *и то́ј оти́де, са прости сос си́чките граждя́ни и така́ кини́са да и́ди на господя́ро му* [V,PM,22]; ~ *кату свя̆рши татко му поря̆ката, са прости сос сичките приатели и со́с домашните си, придаде́ си душата на Бога* [V,PM,7]; ~ *тогя́с то́ј стана пря́в, са поклони́ на господя́ро му и са прости сос не́гу* [V,PM,15]; ~ *и кога́ излезе́ от гими́ата, мло́гу си нажали́ гимиии́ата за негу, си прости́ха два́та* [V,PM,23]; ~ *шифаирии́ата и́маши еди́н ха́рин таибие́т: л'у кога́ да ти́ваши на н'а́која тря̆гови́а, ки си про́стиши сос тајфа́та му* [V,P-M,26]; ~ *бела Јана ф-црква леже,[ја цал'ува̀т род руднина,[род руднина и кумшији,[ја цал'ува̀т, се прустува̀т,[ред си чеке млади Спујан,[ред си чеке да-а цал'уве,[да цал'уве, да са просте,[не му дава̀т нејни бра̀тја* [ТГ,202]; **5.** изр.: **Го́спут да гу про́сте** (= израз со кој се обраќаме кон Бога со молба да има милост кон умрениот) ~ *уф-ця̆рква̀та шо пе́ат, сѐ зна́м. За пиша́јне не́што – ня̆ мо́жум. Го́спут да гу про́сте, ќи ре́чше: "ја́с не́ зна́м, ба́ӑпта а пита́јте, о́на сѐ зна́е"* [ИГ,119]; **за Бо́г дя̆ про́сте** (= кога се врши некоја работа без пари) ~ *не́ма дя̆ ря̆бо́тум зӑ-Бо́г дя̆-про́сте* [ПК,2(165)], односно: **ко́лку за̀-Бо́г дя̆-про́сте** (= се кажува за нешто во многу мала количина) [ПК,2(170)]; **дя̆-про́јстте** (служи да се изрази извинување) ~ *ре́кӑл ня̆-же́ня̆-мо: "Же́но, тя̆ка́-ј тя̆ка́, а́д- но де́те сӑ-прудя́ве уф-едико́ј-си гра́т, ќ-о́м а́с ќо-зи́м, ня̆-на́с тя̆кво́ де́те ни-тре́бе дя̆-н-чи́сте, дя̆-про́јсте ну́жнико"* [ПК,2(Ним–271)]; ~ *гуня̆јде́л и-тя̆ка́ сӑ-ня̆бута́л кӑде-не́го*

дă-ви́де шо ин-пра́ве нă-кóјсте. Ба́ш тóгăј гу-зăсвира́л óн свирóло, а пóпо дă-прóстте, удде́л пу-ну́жда и-пучна́л нă-гóл гắс дă-скóке [ПД,-162]; в. **пруш'та́ва**.

прóстичка adj, f 'едноставна' ~ *и пóпо ба́ш тóгај: ба́п а́јн дике́л', г-уте́пе и уде́ре, тăка́. "Пупăду́о, изле́з ти-но́сум ќу́рк, ќу́рк!" И пупăди́-та ра́дусна, и́ напрăви́ли ќу́рк ут то́о вắлк. Прóстичка-ј, де* (се однесува на приказната) [ПК,2(225)].

простре* pf 'подаде, испружи (рака)' ~ *гу виде царју́т гăлắбот, познал, ча има писмо, заедноч простр|а ръ́ката, гу фати гăлắбот* [V,PM,-63]; ~ *и заедно́ч ка́к промина́ отдо́л, простр'а ръ́ката му, искина́ еди́н дал со́с де́сет ја́бăлки и еди́н дизги́н удри́ на ко́н'ут, побегна́* [V,PM,113]; ~ *на една страшна гора му беха изл'али едни харамие: сакаха да му земат парите. Кату простр|јаха ръ́нците да го фатјат, на харамиите му беха сăхнали ръ́нците* [V,PM,180]; ~ *излезоха три змии, които беха братучети сос она змиа, и му вел'ат: "дај ни ръ́ката ти тука!" И тојнака просрја ръ́ката му на них, и му пл'унаха и му рекоха, да лижни пл'унката* [V,PM,81]; в. **прустире**.

прóструм adv 'распослано' ~ *и та́ ви́ке ки-са-испи́ка са́та нај-ве́јкте и ќи-си-изви́е кужу́рци и пуидна́ нидел'а ќи-а-растрису́виш ве́јкта-бу́бăта ки-си-ј-накла́виш у-идна уда́ја на-прóструм, ти́е по́лни кужу́рци за-мили́на. Е, тăка́ кужу́рци ќи-си-ј-наста́виш та́мка у идна́та со́ба* [БМ(Сар)201] – поради технички неможности билабијалното **л** во мегленскиот говор (пр. во adj. **по́лн**) не е одбележано.

прóстум adv 'исправено' ~ *Исус пак сă навиде́ до́ло, да су пръ́стут си пи́саши на зе́мнјата. Ка си чика́ле ви́ки шо му пи́таа на не́гу, си застана́* (пишува 'растана' – евидентно печатна грешка) *прóстум, и ричé на ни́х: Кój ут ва́с не́ма гре́х, то́а не́ка фа́рли ка́мин на́при наврас не́а* [MV(K),316].

прóт m 'прв, одговорен' ~ *туку́ кój ут ва́с са́ка да си чи́ни гуле́м на ва́с, ки би́ди на ва́с измичи́а, и кój ут ва́с са́ка да си чи́ни прóт, ки би́ди на са́ти измиќа́р* [MV(K),-286]; ~ *и как заседна́, а вика́л на дванáдесет, и ве́ли на ни́х: Кój са́ка да би́ди прóт и по́гуле́м, ки би́ди ут са́ти по́мале́чок, и на са́ти измиќа́р. И си а зе́л де́ти, гу кла́л уфстре́т на ни́х, и му гушна́л* [MV(K),303] – проширена употреба на зам. форма за дативен предмет **му** во акузативни конструкции: **гу кла́л уфстре́т на ни́х и му гушна́л** (м. 'го гушнал'); (сп. **прóт-шпургó**, **прот-удрак**, **прот-умастур**).

прóтшпургó* m 'одговорен на министерскиот совет' ~ *"ут н'е́гу сăбе́п – вили́ – да кале́сам прóтипургиту, диикит'е́ту"* [MS,t,12].

протудрак m 'главен, прв ѓавол' ~ *тиа били неговите наречници. Му вел'ат: "синку, дека ке да идиш?" И тојнака им каза правина. Тогас тенака му рекоха: "ади иди, немој ти е страх! Кога протудраку ки спие, тинака да идиш от гн'аздата да открадиш гăлắбите и заедноч да побегниш!"* [V,PM,74]; ~ *ајде пак царју́т му вели на Мајдона: "Мајдон, от тебика сакам да идиш, от протудраку кон'ут да ми гу докараш! Аку не, главата ти земувам!"* [V,PM,74].

протудраков adj, в. **протудрак** ~ *тенака му рекоха: "Кога протудраку*

ки спие, тинака да идиш от гн'аздата да открадиш гăлăбите и заедноч да побегниш!" Тојнака, кату чу така, праве отиде на протудраков конак, са скрил и, кога заспал, отиде Мајдон, открade гăлăбите фрет, без да познај никој от протудраков аскер [V,PM,74]; *~ кату чу така Мајдон, отиде на пазаришетету, купи свингер и отиде аф протудракувата тавлахана, му здигна на кон'ут ногите, му тури свингерут, гу вјахна* [V,PM,74].

прóтумáстур m 'голем мајстор' ~ *пујнó врăмą имáш'и идúн мáстур, прóтумáстур б'ăш'и* [MS,t,18].

профтаса pf 'пристигна на време, кога треба' [BV,136].

прóцип' m 'мал отвор, процеп' (на sид, на дрво и сл.) [MS,s,89].

прочита pf 'со погледот и други центри (од мозокот) ја прими содржината од напишаното' ~ *цáрјут кату прочита писмото, фати да плаче, ама колај немаши; туку заедноч прати двамина л'уди негови, които беха млогу јаки и марифетлии млогу* [V,PM,63]; и: **прочéте*** ~ *тąпúąтą унéгọ. Сéą, óди нą-капитąнọ, вúкą: "Еве ти тąпújąтą". –"Ами пąрú? Ас, вúкą, дв'á лúри ти дąдéх. Шó дą-прáјми!" –"Нé милýвąм, вúкą, ác брóт. Нé милýвąм и-пąрú. Твá пúсменцéтọ, вúка, дá-ми-гọ дąдéш, дą-гọ-прочéтąм, шọ-ти-гọ-дáде гáздąтą"* [ЛС(К),125]; односно: **пручăтé*** ~ *нą-рăкúте-му имáлу гул'áма книгą и нą-книгăтą било нăпúсăну: "Кăтó пручăтéш тăс книгą, já штą-стáнą и штą-сąóжăн'ą зą-тéб'ą". Чéлą Мąрýшкą трú днú и трú нăшти. Агá јąисчéлą, умр'áлијą мăш сą-сăжувúл и стáнал* [ВД(ГБ),330] – во контекстот среќаваме гл. л-форма, со значење на гл. придавка: **умр'áлијą** наместо 'умрениот'; уште: **пăрчéте*** ~ *и о-пăрчéтуве пúсмуто жсéна-му: кукóшка дă-зăкоóле, óфцą дă-зăкóле, чúсти лéбуве, нéма шó* [ПД,158] – во зборoформата **пăрчéте** (<'прочете') групата **про-** се изменила во **пăр-** за да се постигне симетричност со честиот изговор на вокалното **р: ăр**, ваквата метатеза ја имаме констатирано и во групата **при-** (> пăр-): *на-куго пăркáжувум* (<прикажувам); односно **пре-** (> пăр-): *ас ки тă пăрчéкум* (<пречекам); *óн имáл пăрдéл'ăно* (< пределено) [ПД,159].

прочуе (са)* pf 'стана познат' ~ *он са прочу на Цариграт, ча двајси гимúа имáни докарá* [V,PM,14]; ~ *вечарта пил с нејă вино и, като штјал испијă виното, от устăтă му затичали алтанјă (жалтици), и сја чашата напăлнела* (погрешно пишува 'нанăлнела'). *Проч'уло сја дур на царја, та и неговăтă керкă поискала да идјă и утишла* [V,PM,285].

прóчут adj 'познат' ~ *и, вăртéјќи-си, гọ згáзилą детéтọ. Бéбąнцетọ. А мą óнą шọ-глéдą, дрýгатą зąспáлą тéшкọ, ọтúвą детéтọ гọ зéма, ą-мăртвọтọ гọ-стáвą тáму... вúкą тóą-е нéјнọ. "Нé!", тáа вúкą. "Móe-e!"... Нą-сăд, шó ќи-рéчи сăдọ. Дọ-Сọлọмóн. Цáрọ, тój е-мýдąр, тój е-прóчут дą-кáжими* [ЛС(К),110].

прошение n 'молба' ~ *тја му искала нова кадилук, от де тја била, осем товара алтанјă и двесте души ојсќă. Царо благодарно приел това прошение и хи дал ферман, штото нова кадилук да је нихин... и јă испратил, да си иде на татковинă си* [V,PM,282].

прошка f 1. – празникот **прошка** (на *Виликóф зáпус)* кај православните христијани е најсвечаниот по Бо-

жи́ќ и Велигден. Тој ден скоро сите одат в црква. Штом ќе падне мрак започнуваат со посети. Кога ќе влезат во домот, ќе поздрават со *дубру вечар*, ќе седнат и откако ќе бидат почестени со ракија, слатко или алва ќе се кренат, ќе метанишат три пати, ќе му бакнат рака на домаќинот, односно на постарите од себе, и ќе речат: *"Чико (или дедо), прости ми ако сум ти згрешил, куту помалечук, куту аџамија и куту ка ни е адет!"* Потоа одговара тој од кого се бара проштевка: *"Прустено нек ти е и уд мене и уд Госпуд и на воја век и на тоја! И ти на мене прости ако сум ти згрешил"*. На тој начин сите *са пруштават* (сосед со соседот, роднина со роднините, брат со братот, синот со татковото и мајката, сестрите со братот, невестата со свекорот, со својот татко и со кумот, сите со свештеникот и со кметот) [ТГ,35]; **2.** изр. **земаха прошка** (= се опростија) ~ *кату чуха така господарите, си оплашиха, ча това, што сака цариут не можи да биди. Как ги виде така цариут, им рече ошти едноч: "сос цариут виа не играјти, ча лошу ке да патити!" Тогас господарите земаха прошка от цариут и си отидоха на работата си* [V,PM,60].

прошта́ва* impf **1.**'опростува (пр. за сторена неправда, грешка и сл.)' ~ *ричé Гóспот: Аку пруштáвити на л'ýдити кабаáтут му на ни́х, и Тáтко му* (редакторот во фуснота ставил: 'татко ми') *шо и на нéбито ки и пруштáва на вáс; и аку не пруштáвати на л'ýдито кабаáтити на ни́х, ни́то Тáтко вáш ки ви прóсти вáши грéхови* [MV(K),-282]; ~ *рéкал: Зашт'о си расчýдите лóшо уф сáрцити вáш. Шó-ị пóкулáј да рéчам: ти и прустéни грéхови, и́ли да рéчам: стáни си, и хóди си? Илим, акý сáкати да пикáсати шо Човéшното Сúн úма пувéл'а наврáс зéмн'ата да пруштава грехови* [MV(K),266]; и: **пруш'та́ ве** [MS,s,91]; ~ *да му са налути цáрут, да му дадé на џил'áтити, дýри да си плáти сáто бóрцот на нéго. Такá и Тáтко мój шо и на нéбито ки ви чини и на вáс, áку не пруштáвати сéкој на нéговóто брáт уф сáрцито вáша ни́н'о грéхови* [MV(K),268]; **2.** 'поздравува, изразува почит' ~ *когá чýха граждáните, ча тój ги утепá хајдýтите, нéмаха сóс кóја слáва да гу слáвјат и да прошт́áват тáтка му* [V,PM,22]; ~ *"тинака пак това што ми чини на менка, ки ти прошт́авам, дур дека сам жив"* [V,PM,33]; **3.** – **(сă)** 'се збогува' ~ *Ут вúнцто ќи дáде прăвно на мóмчто, нáпкум на нивéстта. Нáпкум ќи гу прăфăрл'ăт вúнто прăку нивéстта и прăку мóмчто. Пусéстримте ќаа нóсăт вóнка да сă пруштáве* [ИГ,117]; **4.** изр. **ќи-ма-пруштавате** 'се кажува кога некој се извинува' ~ *Сă-свăлúло Тýнтăлчто, ги-збăрýве крýште, ги-турýвăт дúи уф-тóрбăта, нă-Тýнтăлчо гу-грăбнáла, гу-пуштúла уф-тóрбăта. Удúла, удúла ду-срéди пăт тá бáбăта, сјáќи-мă-пруштáвите, ќи-клéкне сă-мóче* [ПК,2(253)].

проште́нка f 'проштавање' ~ *óн излезéл да-гóвóре тогај... нé-е прóс, учúл детéто. "За-пăрф пăт, шáко нàпрàвúл н'áкоа гр'áшка, тóа, о-нóа, тр'áба да-му-се дáде прошт́éнка óти... úма мнóгу дóбри особúни... и тр'áба да-се-ослобóди"* [ЛС(К),126].

про́ш'финга m 'дојденец, доселеник во Грција од Мала Азија' [MS,s,90].

прте́че* (< 'претече') pf 'се појави течност (од некаде)' ~ *ґу́птино наме́сто ка́ман искара́л едно́ пáрче си́рне и гу-стиснáл. И уд-не́- го и́стина прти́чела во́да. И змéо земáл еди́н ка́ман, гу-стиснáл, то́а са-направ'и́л пра́х* [ВГ(М),272].

пру́авлио* m 'градина, двор' ~ *Иди́н д'е́н' са́ суби́раха ш'и́ч'кију аскéр ут Филипу́пул на пруáвлиóту на ца́р'у* [MS,t,58].

пруваґја impf 'поминува' ~ *шо му вéл'е Ма́рку на Јанкула:["триш блазé ти, бра́то, су нивéста[су шен, бра́то, го́сте причику́ва[си смијáјки, бра́то, и пруваґја"* [МЕ-(Р),96].

прувал'е́н* adj **'кога на нешто има отворено дупка,** дупнат' ~ *"а будалá нив'ӑсту, афу́ ни фарли́х на бӑнч'фата, м'а ни устáј, н'ӑј прувал'éна"* [MS,t,68]; ~ *и-цáро ка́-сӑ-рӑзбу́де у́трӑта дéн глéде сӑра́јо прувáл'ӑн,... А Ара́путо-па, ка-видéле та́м искóл'ӑни то́лко л'у́ґе, пӑрвјо – до́л шо-бил – о́дма сӑ-зӑсу́кàве, цéл'о кáрвишта сӑ-улупóте и нӑ-цáро ричéл: "Ас ги-исклáх ту́к"* [ПД,169]; ~ *нӑ* **трундúро** (дабово дрво, стои напречно на **кура́бо,** углавено на чивии на горниот дел на страните) *и́ма прувáл'ӑно ду́пки, зи́мӑна-ј ме́рка ко́лко-ј широ́к кура́бо дéка сто́т чиви́јте, нӑ-ти́ чиви́ј флéвӑт ду́пките нӑ-трундúро; ут стра́нта нӑ кура́бо и́ма двӑна́јсе нугáл'ки, уд дӑ́бувo дӑ́рво, дӑ́бо пӑ тра́ и шчи́ците дӑ сӑ уд дӑ́б, по́-а́рни сӑ, по́ тра́т* [ПД,128].

прув'а́рува* impf 'кога некој почне да верува во нешто, поверува' ~ *т'е́ гу прув'ӑ́рува́ха* (= тие му поверуваа) [MS,s,91]; ~ *"си́га – му вили́ – прув'ӑ́рувах, ч'а ж'ината-ми путана-ј!"* [MS,t,71]; ~ *кугá му р'éкух: "ж'инатáти има ..." , тугáс прув'а́рува и ми да́ди* [MS,t,73].

прувéре pf 'да види повторно нешто, да утврди' ~ *по́пут пáк о́де, а-пупӑдúата сӑ-ублéчӑве пáк уф-бéлит фустáн. Он пáк не́ и уф-нéа глéа. Пáк утúшал дӑ-прувéре дáли-е нéгӑфта жéна* [ВГ(Бог),275]; ~ *гу-упúӑвӑт по́пут, гу-ублéчӑвӑт уф-ӑрнӑýтски ру́би и гу-истрӑ-кáлӑвӑт* (пишува: 'испрӑка́лӑвӑт' – печатна грешка) *уф-до́лут. Ут-кóа утризнéл, сӑ-глéде и ми́сле: Бóже, дáли сӑм-би́л јáс по́п! Оде кӑдӑ-нéго дӑ-прувéре* [ВГ(Бог),275].

прувúкне pf 'викне силно' ~ *И чул'áка̧ са-приго́твил за̧-умирáчка̧. Кáзӑл-хи да̧-утрéби жúту да̧-умéси хл'áп и да̧-свáри фӑ́су́л зӑ-прéка̧да̧. Сúчку било́ гутóу и тóј утишéл за̧-пусле́дӑн пӑт да̧-си-види кӑ́штӑта̧. В тузú врéме петӑ́ла̧ са̧-прувикнáл: "Ко́лку ја̧-зӑвјáн на́ша ступáнин, ша̧-да̧-умúра̧ за̧-ӑднӑ жéнӑ"* [ВД(ГБ),331]; в. **продвикне.**

прувóде* pf 'допрати' ~ *и, фатúле, му-а-дӑдéле, и извинчáле кӑту ка́к на́ште убичáи. Ќи-о́ӑт ќи-а-прувóдӑт сфатушти́нте дунéкӑ-де, а дилéку и а-пруводúле ... и тóгӑј му-рéкӑл: "Дéду, аj, вӑрнéјт-са̧, ни́е мójмă да-си-ójмă са́мите!"* [БМ(В),194]; ~ *Ќи-трӑ́гниа зӑ-кӑдзéтут. Ќи-ӑ-прувóдиа та́тку-му, мáјка-му и ќи-трӑ́гниа нӑ-кӑтзéтут дӑ-ӑ-нóсат* [ВЕв(Ил),306].

пругувуру́ва impf 'зборнува' ~ *сӑ-кӑажýва нéм сéга. Оде нӑ-бáбӑта му-вéле: "Ва́ка и ва́ка. Јáс са́кӑм рӑбóта", му-вéле пу-нéмцки. – "Е, дӑ-гу-зéвӑме", рéкле бáбӑта и дéуто. Во́ нéм, нé пругувуру́ва úч* [ДК,128]; ~ *нӑ-три́те гудúни му кинисáла рӑбóтта. Тó нéмјут прáве та́му идну-ни́шту – пéт стути́ни дӑ-јáдӑт и дӑ-пúјӑт; пéт*

стутúни дýши и дă-спúјат, ама нé пругувурýва [ДК,129].

прудáва* impf 1.'кога некој дава нешто, а во замена зема пари' ~ *му звáж'да прăстин'ут и ранч'úцит'ạ: "н'ăса у тójта ж'éна?" – тóс му вилú: "на пазáрут' прудáват млóгу такфăс"* [MS,t,71]; ~ *бúш'и уч'éл кутý у А тина, сă бúш'и фáтил у идúн ч'урбаџ'úја да прудáва пуртукáла* [MS,t,26]; ~ *ги прудáва и камúлиту и си утфáра идúн дуѓáн, éм бакалăк éм праматарлăк* [MS,t,14]; ~ *вúнуту, гу напулнувáми пу бăнч'фит'ạ ... да пúјми и да прудáвами* [MS,t,4]; ~ *да вéли идéн ут Ученúцити нéгови, Јуда..., тó шо ки гу прудусá: Зáшт'о вóа мúру нé си прудавăл за трúста грóшови, и да му сă дáди на сиромáсити? Му ричé вóа лáф, нé и шо си ýмиши гúа за сиромасити, тукý бéши крадáч* [MV(K),288]; ~ *му вилú: "гу ни прудáваш' ти тфój дуѓáн' да гу кýп'а јáс"* [MS,t,27]; и: **продава** ~ *кату сед'áши на хáнот, едúн ден чý једúн тел'ăл да продáва еднá кăшта, да га тéра трúста хил'áда грóша* [V,PM,15] – употреба на сврзникот **да** со декларативно-интенсионално значење, наместо 'дека': **чý једúн тел'ăл да продáва еднá кăшта;** ~ *они му рекоха: "как го продаваш?" И тој им рече: "по една дамга ва удривам на ганзот"* [V,PM,160]; ~ *му вéле: "Сéга тú, ќи-субéриш тринда́фили лéпи, ќ-óдиш у-нă-цáро двóру, ќи-вúкниш: цфéќе прудáм! Цфéќе прудáм!" Е, вáа ќи-вéле: "Кóлку пáри?" Ќи-му-рéчиш: "Зă-идну-чúфт óчи". И óде тó прŭдáва* [ДК,121] – уште еден случај на употреба на придавката **леп** (= убав); во Гевгелиско е регистрирана формата **пурдаве:** ~ *ej, болин леже грејин Ил'о,[на мека пустел'а...[ej, дружијна гу чекат, Ил'о,[на Солун да јоде,[ох, на Солун да јоде, Ил'о,[жито да туваре...[ох, си киниса, грејин Ил'о,[сус кола да јоде,[ох, сус кола да јоде, џанум,[жито да пурдаве* [ТГ,38]; ~ *Катирина вино пурдавала,[на секуго вино не давала,[на терзији вино не давала,[оти биле они крадоконци – де!* [ТГ,-196]; – *сечко сече, марта дере, април носе кожи да пурдаве* [ТГ,7]; 2. изр.: **нă-слúвăр слúви нúм прудáви** (= не се обидувај да лажеш поискусен од тебе) [ПК,2(186)]; **прудáве чăлăмe** (= се кажува за некој што сака да се фали, да се прави важен) ~ **тăкóф бúше и тáтку-му, нóго чăлáме прудáше** [ПК,2(189)]; **прудаве крст** – *на празникут Будици водата са крсте уф ректа.* Од црквата сите, заедно со попот и со икони одат на реката каде што попот чита и го фрла крстот во реката. Штом попот ќе го фрли крстот во реката, многу млади луѓе, онака облечени скокаат во реката и го барат крстот. Тој што ќе го најде крстот, се верува дека ќе биде многу среќен, потоа собира пари од луѓето *оти крстут са прудаве. Да го купиш крстот не ти е загубино. Госпуд ки ти даје повиќе* [ТГ,25].

прудóса pf 'измами, предаде' [MS,s,90]; ~ *на тóа врéми си суберýва Исус на дванáдесет Ученúци нéгуви, и фатú да и кажýва на нúх шо úма да му дójдат уф нéгу да тéгли: Ету шо си úдими уф И... , и Човéшноу Сúн ки прудóсат на Хахамúти и на Граматúцити, и ки му присăдат на нéгу за умрéни* [MV(K),285]; ~ *вó му рéкạл, су кáкфо умрéш ки прислáви на Бóга. И вó ка му рéкạл, вéли на нéгу: Иди пу мéн. Сă вăрнá Пéтро, глéда на Ученúќ шо милýваши Исус пу нéгу, шо лижá на вечéрата на*

гăрдити да ричé: Афéндо, кój ки ти прудóса? [MV(K),338]; ~ *да вéли идéн ут Ученúцити нéгови, Јуда..., тó шо ки гу прудусá: Зáшт'о вóа мúру нé си прудавáл за трúста грóшови, и да му сă дáди на сиромáсити? Му ричé вóа лáф, нé и шо си ýмиши гúа за сиромáсити, тукý бéши крадáч* [MV(K),288].

прудăвајнă n 'дава нешто и за тоа добива пари' ~ *аку видă субăштă оти некуј вагјă крумид или лук зă прудăвајнă и негу ки му гă делјă* [ME(P),87].

прудăлже* pf 'кога нешто не се прекинува' ~ *ми ричé: "Ојте нă-стó мéтри!" – пá, тáм úмише еднăн. Су-удéјнту нă-шéс мéтра кúна-клáвăт нă-нишáн. Ама-јáс шó си-клăдéк нă-пáмитут, си-вéл'ăм ам' аку-прудăлжăт сус-нáс дă-úдăт тúе му-са-фăлбăзáни, а аку-зăстáнăт тáм ни-ј-упáсна рăбóтта* [БМ(В),192].

прузвали* (сă) pf 'се осрамоти' ~ *ни муж'á да трапú, сă надý, стáна пиш'тóут ('пúлката') и сă прузвáла = сă страмутú*[MS,t,78].

прузáр'ани adv 'рано наутро' ~ *пуч'ивáш'т'ém, пуч'ивáш'т'ém си дój-дух у с'élуту сабăкарш'и (пу прузáр'ани)* [MS,t,2].

прузґáва (сă), и: **прузјáва (сă)** impf 'издишува со артикулација на специфични звуци, се прозева' [MS,s,91].

прузóр'ува (сă) impf 'наутро кога прозорува, кога *удира зора*' ~ *л'у фáти да сă прузóр'ува* [MS,s,91].

пруизвот m 'она што е резултат на човечкиот труд' ~ *пá, идни-вojници úмше тáм сус-нáс. Тие тăопитýвăт шо рăбóтте, шо пруизвóт си-извájґте у сélту, кák-си пуминýвте, шó пóвиќе рăбóтте – 'нáчи ступáнцки рăбóти нă-пúтăт* [БМ(В),193].

пруклентúјă f 'лоша желба, проклетство' ~ *клéнтва ни мă фáштă, пруклентúјă* [ПсС(З),69]; сп. стсл. **клѧтва, проклати**.

прул'étна pf 'избега, излета' ~ *Má кák станýва, џ'ánам, ут пиш'тá да прул'étна?* [MS,t,56]; ~ *прул'étна пúл'ăту на гóр'ă и фáти да псáла и тój фáти да гу гл'éда* [MS,t,45].

прул'étнува impf, в. **прул'étна** ~ *"јáс му дáдух инá гăска, да ми спич'é, ... и ми вилú, ч'ă прул'étна, хúч' пéч'ина гăска прул'étнува пујнóш'?!"* [MS,t-57]; ~ *гу јáхнува кóн'у, врăтнува кл'ýч'у, прул'étнува утáм, си утúва прáв'ă на цáрувáта мóма* [MS,t,21]; ~ *си прул'étнува утáм. И инсáну устáна сăс утвóрина ýста да хáска на гóр'ă* [MS,t,23].

прумúни pf 1. 'помине некој некаде' ~ *ут мрăва гудúни с'étн'ă сă лáха да прумúне нóс туџ'áрин да брăка ж'ú-вини* [MS,t,16]; ~ *нéмам прумúнанту* (= не сум поминал оттаму) [MS,s-91]; ~ *да са врниш', да си пóш' nasám'! как за си утúваш', за прумúн'éш' прис б'ăла вóда* [MS,t,14]; ~ *мумáта ч'áка, ч'áка дур усăмна, тój ни муж'á да дójди; и гл'éда прумúнат три удунџ'úји* [MS,t,23] – во примеров имаме употреба на перфективен глагол во презент: **гл'éда прумúнат три удунџ'úји;** ~ *заш'тó ут Сулýн на гóр'ă ни мóж'иш'и да прумúн'éш' ... áку н'émаш' пáсу ут Ингилúзиту* [MS-t,2]; ~ *трú днú и трú в'éч'ерóви с'é мрăч'ува врав'ăха ...прумúнаха ут мрăч'увáта, исл'áха пák на сф'ăтúлу* [MS,t,59]; ~ *му вилú: "кáта трú*

дни за стуúш' гóл, кóгу за прумúна н'éма да вр'ắвиш' хúч'"... ~ прумúнаха л'уд'éту; тój стујáш'и халúс мáрмару [MS,t,78] – употреба на долгата форма за директен објект **кóгу** наместо номинативната 'кој': **кóгу за прумúна н'éма да вр'ắвиш' хúч'** ; *~ тáтку-ји вилú: "ш'úч'-кит'ạ јунáци пруминáха т'éб'ạ т'é ни арéса пуидúн јунáк?! óш'ти Ќел'éш'у устáна да пруминé "* [MS,t,34] – специфичност во збороредот: глаголот е одделен од заменската форма со негацијата **ни** (< 'не' – со редукција); *~ трắгнах за да дóа у Атúна, пруминáх прис Сулýн* [MS,t,12]; и: **промине** *~ излела девојката, да помети рамни двори еден ден. Проминали кралски сеизи приз рамно ú двори, да напујат бắрза кон'а, и видела сеизиту на девојката* [V,PM,243]; *~ ету едúн дéн излезé рáно от кắштата му... промúна приз пазáриштето* [V,PM,17]; *~ и истом кога тој играиши, една стара сиромашка жена промина прет негу и носила стомна сос вода аф рамото ú* [V,PM,71] – за употребата на предлогот **аф** наместо 'на': **стомна сос вода аф рамото ú;** в. кај заглавната единица **провали;** *~ владиката му вели: "бре братку, кату ми беши страх от тиа аскерите, што проминат приз тука"* [V,PM,39] – одново срекаваме употреба на перфективен презент: **што проминат приз тука;** 2. 'премине преку нешто, од еден крај на друг' *~ сос бабата на пắтју как идиха, имало една река да проминат. Бабата кату беши биз гашти, здигна дрехите си нагори каде појасо, тојнака "тутуч" речи, и си закачиха дрехите и на појасот: бабин гắз на мигдан остана* [V,PM,98]; 3. **'пренесе нешто од едно на друго место'** *~ сега гу и страх, как да кажи на рибата; дојде до неја, га вели: "не ти кажувам, рибу, дурде не ми извадиш оданат морету!" И рибата гу зема пак на гắрбо и гу промина оданат* [V,PM,-100]; 4. 'прифати некого, го унапреди' *~ утрината нивјастата си зарадува, отиде на мајка ú и на татка ú рắнка бакна, си зарадуваха сите. Тогас јунакот му приказа на царјут сичко, што и проминал приз неговата глава, и царјут са поч'уди и го проминал него на столнината* [V,PM,187]; *~ хем му вели: "тиа поголемите твоите зент'увци са на татко ми робови и на гắнзувите имат и двата по една дамга от татко ми". И си научи харно царјут и тогас го промина калека на гол'ам ихтибар* [V,PM,161]; *~ тас момата му вели на царјувут син: "милички мắжу, јазе имам четиријсет братќа харамии, ониа требува да ги земеме тука". Тогас пратиха л'уди от царјут и едно писмо от дјун'а ѓувели, от нихната сестра... Тогас царјувут син сички ги промина, прắмни ги стори на конаќут му* [V,PM,214]; 5.'помина извесно време' *~ за пруминáт питнáјси дни с'éтн'ạ нарáст'ува, пýш'та трú, ч'éтир листá* [MS,t,5]; *~ ги рáбут'áш'и ... дв'ắ гудúни, дур на трúт'ạ гудúни кутрú прумúнаш'и, му дáваш'и с'é либắнúци* [MS,t,44]; *~ стáна д'ắт'ạту, утúди на ж'инáта, прумúна пу идúн чирéјќ сáт', ч'ýка и манџ'ó* [MS,t,10]; *~ дур да чинú тúа рабóти, пруминáха пет годúни, от кáк киниса на таксúт* [V,PM,14]; 6. 'начин на живеење – специфичности' *~ му велú на јунáкот: "да ти пúтам, јунáче, сегá три годúна на чуздúна как си проминáл?"* [V,PM,23]; *~ цáрјут утринта га

питá кéрка му: "кéрку, кáк проминáхти снóшти?" И тјáнака му вéли: "кáк да проминéми тáте? и тójнака жéна и јáзе; тójнака легнá áф еднá стрáна, и јáзе от дрýга" [V,PM,112] – несоодветна употреба на предлогот **аф**: **тójнака легнá áф еднá стрáна, и јáзе от дрýга** (место 'тојнака легна на една страна, и јазе на друга'); ~ *и сама невестата зема остра сабја та му отсече глава на Зарзавилата, кату коза. И така си зеха двата с цáрскио син. И много си проминаха харно живот* [V,PM,158]; ~ *хем мо вели: "е ц'аним цáрју, ти, кога отúде на кавгата, как промина, кој ти куртулиса?" Тогај цáрју му вели на него,... "дójде еден јабанџиа јунак, та он ми куртулиса, него га го удриха на деснáта рáнка, му врáзах јаз с моја сирвета"* [V,PM,161]; ~ *си кáрахми дрáвýш'ки, си ги рáбут'áхми и нúфкит'ą ... прумúнахми идúн сирумáш'ка ж'ивóт* [MS,t,1]; ~ *фáт'ąхми да с'áјми т'ут'ýн и такá фáт'ąхми пóхýбав'ą да си прумúнами* [MS,t,1]; **7**. 'преспие некаде' (за ноќ две) ~ *тóс в'éч'ăр у вáм да прóмина* 'оваа ноќ да преспијам кај вас'; ~ *и т'é му р'éкуха: "јáла! сирмáси снú, н'émами дрýга удајá пóвики, амá пукрáј нам прóмин' и тú!"* [MSt,15]; ~ *му вили нив'ăстата: "да дójш', д'ăду, пукрáј нáм за прумúнеш' и ти!"* [MS,t,80]; **7**. 'почина' ~ *отидоха да го брăкат; земаха и едно шише жјува вода сос них, да му са нава, ча, ако најдат детенто мартво, да го ужјувјајат. И, л'у приближиха при ламите, ламите фатиха да си карат, која понапрет да кажи, ча детенто проминало* [V,PM,226]; **8**. 'вовлече нешто некаде' ~ *ч'éпни ми инó кóсми ут ч'умбáзу, прóмини гу кóсмиту на пéталáта* [MS,t,33]; ~ *ги нарéвами прăву прăнч'киту, му прумúнами на с'áкуј прăнч'ка и инó карýлч'а* [MS,t,6]; ~ *úмами мáксус т'ут'ýн'уви úгли; ја напулн'увáми игláта,... ги прумúнами на канáп'у листáта* 'нанижиме лисја (тутун) на врвка' [MS,t,5]; ~ *пр'éлуту ... гу звáж'дами ут хáркумáта, гу прустúрами на идúн прăнк и удóл му прумúнами идúн дрýк прăнк* [MS,t,6]; ~ *гу з'éвам и крусно́ту, субúрам и масýр'ą да-сă гóтуф, гу прумúнам грибин'ó н'éтрą на цилóфтину* [MS,t,7]; ~ *гу прумúнат идúн'у крáј на óснувáта на стр'ąв'ă на крусно́ту* [MS,t,7]; – во задниве контексти имаме употреба на перфективен глагол (**промини**) во презент: **и удóл му прумúнами идúн дрýк прăнк; гу прумúнам грибин'ó н'éтрą; гу прумúнат идúн'у крáј**; **9**. 'сврати некаде (на кусо време)' ~ *н'émам проминáту* 'не сум навратил' [MS,s,91]; **10**. 'ја излекува болеста' ~ *Крáл'у Мáрку му р'éч'и: "нúкни, в'éн си мрáва кáлч'ą ут такýн'у за да хáпниш' за ти прумúне сăрцúту"* [MS,t,39].

прумлýк m 'внук од внук, правнук' [MS,s,91].

пруна (и: **пруна́**) f. bot. Prunus spinoza 'трнинка – растение и плод' [BV, 136].

прусани́к m ~ *лéпче ус-мисúркино* (пченкарно) *брáшно, ус-сúрне, ус-содúчка, нé сă кúсне. Ќ-о-зăмéсиш, ќ-о-бýтниш дă-сă-пéче* [ПК,2(88)] – за овој дијалектен збор од југоисточниот дел Н. Толстој наоѓа соодветство во рускиот јазик.

прусáрка f. zool. ~ *тó пúле лúче нă врăпчáн, жăлтýнуво-ј, пéе нáјнóго кулу Свúти-Читирúјсе* [ПК,2(89)].

прусина́рин m'стројник, тој што уговара свршувачка' ~ *ина́ нид'а́л'а пруминá, пак му вили́ ца́рувáта мóма: "за пу́снам пак прусина́рин"* [MS,t,28].

прусина́р* m в. **прусина́рин** ~ *му вили́ ца́рувáта мóма пáк: "с'а́ јáз за пу́снам прусина́ри, да т'а прó-с'ам; ти да ни кандúсаш'"* [MS,t,28].

прустена мулитва f, сп. обичај: – ако болниот многу се мачи пред смрт тогаш *гу таксуват*, т.е. се простуваат со него и *гу теслимат на Бога и на анѓелите*. Прво ќе го викнат попот да му пее *прустена мулитва* (проштална молитва) и да го *причести*. Штом ќе си замине попот ќе се соберат роднините околу болниот, а домаќинот ќе му се помоли на Бога со овие зборови:. *"Што са вија Ристосуви мáки, што са вија тиговби?! Чиј са вија толко греуве, зарди кого толко сă мáче? Ваја душа не е толко гришувана, ваја душа није за такви мáки. Г'оспуди Боже, и Свита Бугуројцо... Свити Јуване, златно име, и ти Свити Глигоре... и ти Свити Ѓорѓе сус златин мáздрак (копје)... ако са вија мáки зарди некуј негув грех, сите ви са мол'ме, да гу простите и да гу куртулисите, и ако е ваш, ако е на вас пралигато, си гу зимајте; ако е пак наш... доста беа... вија мáки, му дадејте век и кувет куту камин да си биде здрав? Ако са мáче зарди чужди греуве, нека са прасече концут, нека прастанат вија бол'хи, и ако е наш нека биде наш, нека стане, ако е пак ваш... алал. Салде да гу куртулисте , да гу избавте уд вија Ристосуви мáки!"* [ТГ,284].

прусте́н* adj 1.'кога нешто, пр. грев се опростува' ~ *шо и пóкулáјну, да рéчам на вó бóлниот: ти и прусте́ни грéхови, или да рéчам: стáни си, и крéни си носúлото, и óди си? Илим áку сáкати да вúдити шо úма пувéла Човéшноу Сúн да пруштáва грéхови на зéмнјата* [MV(K),284]; и: **простéн** ~ *и Исус пáк му речé: мúр на вáс! Кá ма пушти́ Тáтку и óзе пýштам на вáс. И кá речé вóа, дујнá на нúх и речé: зимáјте Дýх Свети́! И на кóгуту грéховите прóстите, са простéни и на кóгу зáптите, са запте́ни* [ВЕв(Кон),308]; ~ *вúа си мóлиши: Гóспот, исполáјти, шо нé сам катý дрýзити л'ýди, лóши, крúви, пýшти, јá кату вá јумбрукчúата... И јумбрукчúата стóиши у-далéко, и вéлиши: Гóсподи, прóсти ми на грéшин човéк. Вéлјам на вáс, вóа испаднá прáвин и прустéн си утúди на кýкја му* [MV(K),280]; ~ *ету му, му дунсéле на нéгу идéн фатéн човéк, кладéн уф носúлоту. Ка гу видé Исус на нéгу, éм вéрата нúн'а, ричé на тó фатéн човéк: Ним са бóј, простéни ти и грéхови твój* [MV(K),264]; 2. 'кога нешто е дозволено' ~ *Филúпува жéна, шо а зéла он за жéна, óти му вéлиши Јоáн на Х...: Нé ти и простéно да úмаш жéната на брáт ти. Х... па гу каскандúсаши , да сакáла да гу утéпа* [MV(K),330] – во контекстот имаме случај со нарушена конгруенција: подметот во машки, а предикатот (л-формата) во женски род: **а зéла он за жéна;** ~ *вéлеа чифýтите на оздравéн: Субóта вá дéн, нé ти и простéно да крéниш носúлото. Му ричé на нúх: Тó шо ми ликувá он ми ричé: крéни си носúлото, и óди си* [MV(K),256]; ~ *пак нáј-Спарéата ут Чифýтити си нал'ýтú, óти на сýбута а лекувá Исус, вéлиши на сфéтут: Шéс днú са уф недéл'а, шо и простéно да си рабóти; на вúи днú вúки да úдити да си лекýвати* [MV(K),278].

прустечка f 1.'обичај врзан за празник кога луѓето си простуваат, проштевка' [МЕ(Р),175]; 2. 'збогување' ~ *така си а ујдисама работта за кинисувајтто ут тува, шо еминки втасиме на Одеса (зајднăш ут карапампур да флезиме право) – изливајне ут пампурут и уливајне уф воднјут пампур. Прид прустечката су Питирбург нија су Лазар чинима нает да вијме, сѐ што има по-билижитo* [МЕ(Р),68].

прусти́ра* impf 1'става кори (лиснато тесто) да се сушат' ~ *за в'е́нат кра́нгу и миха́лката да зафа́ти да то́ч'и и ба́бата и ле́лата за да прусти́рат ино́ ли́сту* [MS,t,8]; 2. 'става на јаже (жица) алиштa или преѓа, да се сушат' ~ *гу пир'е́ми у кури́титу, гу чу́ками на вра́х ка́мину удгор'а́ сăс ко́пан'е́ту и гу прусти́рат* [MS,t,8]; ~ *гу блу́кнувами и пр'е́луту п'е́тр'а, с'е́тн'а гу завѝрами и гу зва́ж'дами ут ха́ркума́та, гу прусти́рами на иди́н дра́нк* [MSt,6]; в. **простре**.

пруст'о́вани n 1.'кога луѓето ќе си простат за сторена грешка'; со исто значење: **прушт'ин'е́** [MS,s,91]; односно: **пруштавајне**; 2. 'збогување' – пред да појде на венчавка младоженецот прави *метанија* (се поклонува) на родителите и им бакнува рака, а тие него во образ и на челото, тоа се вика *пруштавајне уд татко и мајка*, бидејќи до сега им припаѓал само ним, а отсега и на невестата, односно на новото семејство [ТГ,175].

пруштавајне руба n 'давање како поклон рубата на невестата', сп. го обичајот: – во петокот пред свадбата, навечер, родителите на девојката *алал и́ ја чинуват рубата*, т.е. и́ го поклонуваат од сѐ срце она што го имаат спремно како дар. Споменатово *алал чинувајне, или руба пруштувајне* се врши на следниот начин: прво се остава рубата *за глидајне*, а потоа ќе донесат 2 сандука во кои ќе биде ставена рубата; татковото ќе ги отвори сандуците, пред да се наредат стварите, ќе фрли внатре пари, малку овошје и *бубаќерно семе* (семе од памук) и ќе благослови: *"Што ти правиме, што ти купуваме, колко мужеме, алал ти чинувме, ти пруштујме* (ти го поклонуваме), *и сус здраве и касмет да си ја носиш и скапиш!"* (искинеш). Потоа низ солзи (дека **се разделуваат) девојката, идната невеста, ќе ја** *дипле рубата и ки а ложе* (става, реди) *уф куфчези*, во тоа и́ помагаат *пусестримте* [ТГ,167].

пруштуве (се)* impf 'се збогува', в. **пруш'таве** 2. ~ *"Дил ни питаш, млад Стујане,[дил ми питиш ки ти кажме; сеј јумрела, бела Јана",[бела Јана ф-цркви леже,[ја цал'уват род руднина,[род руднина и кумицји,[ја цал'уват, се пруштуват* [ТГ,202]; сп. го обичајот:– во минатите години тешко болните старци ги *причестувале*, а по *причесната* сите домашни *се простувале* (се збогувале) со болниот [ТГ,251].

прусф'ан'ти́ (сă) pf в. **пусф'ан'ти́ (сă)** [MS,s,91].

прусф'а́ти pf 'пушти, развие лист (дрвото)' ~ *да прусф'а́ти буко (да пу́ш'ти листа́)* [MS,s,91].

прусф'а́ш'та impf 'се разденува, самнува' [MS,s,91]; в. **усăмнува**.

прутéвуса* f 'татковина' ~ *и тра́гнаха пуле́к, пуле́к, си до́ха на А ле́ксандра на прутéвуса́та* [MSt,60].

прути́ве (сă) 'се противставува, реагира негативно' ~ *ни́й по́пук гу ви́кимє. По́пуко* (и: *по́пко*) *ка́ гу*

вăрте, бăшкá е óн, а курéмо кá губóле – óн цéл'о. И курéмо мă бóле и курéмо мă-вăрте, гу úма тóо. Вóда ак прăпúји, тугáј óн зéме дăсă-прутúве и нéма дă-бúји кут кá си бúл [ПК,2(238)].

пруфи́тис (пруфита, пруфит, пруфитин) m 'пророк' - од верската терминологија ~ *Гу нáјдуха удóл ина́ јáблăка с'ạд'ăш'и пруфи́тис Иеримúјас* [MS,t,59].

прухуре́сува* impf 'напредува, победува' ~ *прухурéсаха нăтр'ạ пăк у душ'мáнинут, гу прáјат стратигóс* [MSt,73]; ~ *пухурéсуват на мурабéту* (= напредуваат во војната) [MS,s,-90].

пручисте pf 'направи нешто да биде чисто, уредно' ~ *вó младúнцут шо-бéше дујдéну ду-мéн и ми-ричé: "Бај-Вáни, ки-си-зéвăш идéн вéрин другáр и ки-óјш фил'íн мéсто, ки-гу-пручúстиш – тáм дека-бúле пăртизáјнто"* [БМ(В)191] – во контекстот имаме додаток за место без предлог: **и ки-óјш фил'íн мéсто**, што **се третира за влијание од балканската јазична алијанса.**

пручитýве impf, **в. прочита** ~ *насабáјл'ту станýва цáрут, сá измúва... á на-пинмéрта, кóга пýл'е, гăлăпчиту уд мóмта... Тогăш óн гу-фáјка гăлăпчиту за-дạ-гу-крéне, пýл'е -- книга уздóла. А зéва тá книгăта, а пручитýве – тăкá и тăкá. "Бре! – тóгăј цáрут си рéкăл – а-изгурéк кéрка ми!"* [БМ(В),195]; ~ *"ут-кăде, кáко вúе знáете óти ви-и-мáјка?" – "Тáтко-ни никăжýвăше, тó шó-ни-и пăрăтáтко. Он не-нáшол пу Вáрдăр у-сăндукут; и нúја стăнáме, шó вúкăт, óн кăни-гу-пручитýвăше тó сăндýк дéка цáрцки сăндýк"* [ВЕв(Кр),302] – проширена употреба на предлогот **пу** (< 'по' – со редукција) наместо 'во': **не-нáшол пу Вáрдăр у-сăндукут**.

пруч'ýјна adj, m,f 'познат-а' [MS,s,90] – според Малецки со една форма е покриен и машкиот и женскиот род, што зборува дека односна граматичка категорија во Долновардарско не функционира, или функционира само делумно; за ова има доволно примери во речничката граѓа, но и во граматичкиот дел; сп. ~ *пруч'ýјна крýш'а* (= позната сорта на круша) [MS,s,90]; и: **пручуéн** ~ *му-вúка: "Хá, гáзда, шó си-чýдиш?" – "Ка-нéшту дăми-јáдă. Јá-сăм пручуéн нă-цéл свéт. Кóа ки-чýјăт жéнта ми-бигáла кăдóдам јáс. Знáчи нéмам нúкăкво чéс"* [ВЕв(Кор,305]; в. **прочут**.

прушéте pf 1. 'помине низ некаде' ~ *тáмо зéмат, гу-прувáл'ăт сăрáјо, нéгувио, дýпка нăпрáвăт и гупýштăт нéго пăрво уфнăтре. Ричéли: "Ти ки-вúдиш, ки-прушéтиш сéкăде, стрăжáрто ки-истéпиш, ти-си јунáк, ки-дójдиш пóсле ки-нă-зăкáриш, ки-óдуме, ки упл'áчкуме сè"* [ПД,168]; 2. – **(се)** 'си направи прошетка' ~ *Имáл пýшка и-ká-е слободен, изл'áвал низбаúро, отéпал, не-отéпал, нúкому нúшто, ке-се-прошéта. "И-ти излéвај, вúка, прошéтај-се... áко н'áма, úмаш пáри да-си-кýпиш, áма... н'áшто бóлно да-не-гоутéпаш"* [ЛС(К),127]; 3. **изр.: нúс дивéјс и дéвит рéки ки-т прушéте и пá жéдăн ки-тă вăрне** (= се кажува за човек што се однесува несериозно, што лаже) [ПК,2(182)].

прушéтува* impf, **в. прушéте 2.** ~ *мувúка* (на детето): *"Ас едúн дéн кеýмрам, áмạ ке-ти-остáвам едúн ạсéр". Вúка: "Кáжи тáте?" "Нéе лóшо да-с-прошéтуваш... нúз баúро"* [ЛС(К),127].

пруштавија f 'опростување на сторени греови' ~ *бил еден лош арамија, што е утипал 99 души. Така живувајќи, бакписа, па утиде пра еден дуовник да са испуведе и да гу пите има ли пруштавија за него. Дуовнико му риче оти за чего нема пруштавија, ама нека гу уставе воја занајат, нека са моле на Госпут, па може ќи му просте* [ТГ,146].

пруш'тин'е́ n в. **прус'тва́ни** [MS,s.91]; и: **пруштавија**.

прчка f, в. **прăт**; ~ *ка се вије, ка се крие,[куту прчка миндалова,[дури на којн не си вгаје,[на зингији не си стрпке,[дури узда не си држе,[седло му е шикосано,[зинѓији са пузлатени* [ТГ,177].

пр̆шти́ла pl. 'врвките со кои се стега **ѝраму (прости́лката)**' – ако се случи *пр̆шти́лата* сами да се развр̆зат и *ѝраму* да падне, се верува дека во тој момент некоја нејзина роднина (или пријателка) се породила [ТГ,366] – суеверие.

пр̆а́бр̆ке pf, в. **пр̆а́бр̆кува 1.** ~ *пр̆а́бр̆ка́ла уф-сто́мните, не́ма во́да. И ко́га а-виде́ла же́нта о́ти си-легна́ла ми́гу-де́цѝата, си- ричела у-се́бе: "Ах мо́ре, ја́с с-излѝа́жа́х ка́-тѝа́-пуштѝи́х пу-кро́с-но. Но́го тѝа́-пр̆а́учѝиле те́бе, и́се ја́с ка́-тѝа́-на́учаах ка́к са́-р̆а́бо́те спрути-сре́да"* [ВГ(Бог),276].

пр̆а́бр̆а́ркува impf **1. 'пребарува'** ~ *флизе́ и зе́ да-пр̆а́бр̆а́ркува нис-куфчего* [ПК,2(89)]; **2.** – (са) 'се меша во туѓи работи' ~ *о́н се́ зна́а, уф-се́ са-пр̆а́бр̆а́ркува...*

пр̆а́в adj 1. 'во некаков редослед кога е напред' ~ *гу услубо́дѝа́ве гра́ут ут Кара́-Цинде́м. На у́тр̆а́та де́п си-і зѝа́во́дѝа́ве дву́јѝта. И вѝа́рзу́ве за-ко́јнут сус-синѓи́рто, са́ ка́чу́ве о́н на ко́јнут и кини́са́ве. Оде де́к а устѝави́ пр̆а́вната дујна́-гузилијка* [ИГ,114]; ~ *еди́н ма́ѝи и же́на нима́ле де́ѝа. Фто́ра же́на му би́ла на то́а. Ут пр̆а́рвата има́л де́те и мо́ма* [ИГ,108]; ~ *тогас тој вели на нивјастата му: "варај, парво лубу, ету глендаш тос самовила, што ѝди тука: тебе тој за ти везми, мени ки ми изѝади"* [V,PM,226] – случај на нерегуларност во конгруенцијата (именката од ж. род оди со заменка од м. род): **ету глендаш тос самовила**; **2.** 'најпознат, најбогат' ~ *да зна́еш, ча ми е татку ... којто е пр̆а́в ѝифаирѝи́а, и не, што ми ве́лиш, не́ сам кадѝар да гле́дам таква́ же́на* [V,PM,12]; ~ *"Ка е арно Госпуд нека даде!... Сус радуст темел' са удире; сус радуст да са пукрије, сус радуст оѓин да са навале! Сус радуст госте да прачеке, сус радуст госте да испрате!... да им се пите ѝакут,... ѝакут да и са лаге! Првна да са лаге!* [ТГ,296]; и: **пѝрв*** ~ *фѝа́рли пра́с* (sic!) *окно́то адна́ зашѝена то́рба и штѐие саори* (собори) *ка́штата, като́ фѝа́рли то́рба́та. И што да ви́ди ф не́е? Што бѝе́ше па́лна пари́. И тога́ са восра́дова охче́ре, и зи́ма пари́те и ста́ва пѝа́рф на се́лото* [V,PM,261]; ~ *послушаха на старојут човек, отвориха портата; ету и това дјате, што вел'ахми понагори, промина, гу фатиха, гу сториха цар. Тогас кату чуха братите му, отидоха при него: стрјаднојут са чини гинирал пѝарв, а најмалкото са чини паша* [V,PM,231]; ~ *е та́, пе́сна на́ кажу́фше учи́тѝало адно вре́ме к-о́дѝа́х нѝа́рво удле́ние, н-учли́ште. Кут-ка́о́дѝа́хме, адна́ гудина́ две́ уди́ и то́лко би́ше. Се́тне учи́тѝало ни-ка́жува́ и дру́ги куми́тски пе́сни, а́ма на́-мо́жум, не́ зна́м* [ПК,2(253)]; односно: **пе́рв** ~ *господа́рот позна́ и заедно́ч*

нáправú другú магазúи и гу извадú чирáк на писáрат, му дадé и пáри сирмаé, и такá гу úзвадú дéтето, гу промúнá пéрв писáр [V,PM,153]; **3.** 'најголем' ~ *нáшто сéло сă-вúкше Мурáри. Твá бúше гулéмо сéло. Уф-укóлита бúше пăрво. Трúста и-пéăсе кăшти бúше. Сè кристéне, нéмше нúкаква другá вéра* [ПК,2(215)]; **4.** 'добар мајстор' ~ *му направú дéсет корáби, ги напăлнú стóка, му дадé и едúн прăв гимúцúа* [V,PM,13]; в. **прăвна** и **пăрвиј**.

прăва́лин adj 'нешто, предмет на кој има отворено дупка' ~ *лóке вóда алúс прăва́лин* [ПК,2(151)].

прăва́ре pf 'престигне, стигне порано, пред другите' ~ *то бúше кăзăлшúш, áма дăлáк му-вúка тýк. Кăзăлшúш, ус-áдна úгла ко-чúне, кúму-тýре адúн тос, ду-тáм éј. Сéкăде излéве, тýк излéве, тýк излéве* (покажува на различни места на телото), *и уф-нóсо излéве. Кăту чúр е. Кăзăлшúш, то е лóшо нéшто. Ако нă-мóји до-прăва́рши сáто тéло кú-т-јо-фáте и гутóф-си* [ПК,2-(239)]; ~ *áј дă-пува́ркиме дă нé нé прăва́ре* (или: **прăстúгне**) (= да побрзаме да не стигне пред нас) [ПК(Крец)]; обичај: – пред да дојдат сватовите кај невестата *пусестримте* ќе донесат еден *кулак* (специјално месен леб), со кој ќе ја канат *нивестта*. Овој *кулак* треба сиот "до залак" да се изеде, сватовите *да не праварат* [ТГ,174]; и: **прива́ре*** ~ *та тój úскашја да та грáбне, пак já, óти му надвúвам и прива́рих та тá обзéх, и сегá тój ма млóгу гарезú и тéра колáј да ма отрéпе* [V,PM,260]; ~ *и кató навăрвúло дéтето, на крáј касабáта, слáхал са еднó кóсé да úде от лóф, та му рекăл: "Дóбра срéшта!" А дéтето ни му отговóрилу. И кóсето што да прáви, отшéл по едúн друк пăт та го привáрил и пăк му рекăл: "Дóбра срéшта"* [V,PM,256].

прăва́рува impf 'престигнува некој што бил понапред', в. **прăва́ре** ~ *пупăто óде, вăрзăл-гă тáа кубúлта нă-нéкуј дăрми, нă-нéкуј бăúр. Блúжнăл пăрстăно, áј го кójно, кáк му сă-кáче и прă- вáруве. Вујнáта кá гл'ăдăла, сă-чýде, н'о знáт кój éј* [ПК,2(231)].

прăвéно* adj 'сторено, приготвено, уредено' ~ *вúка иднý-дáскăл, му-вéле: "Слýшăј, вúа дéцăта уд-ýтре úчăт. Ќ-и-úчиш ду-двáјсет гудúни. Нáдруф нé! Има мéсто прăвéно. Ќи-јáдăт, ќи-пúјăт-нăтре* [ДК,130].

прăвúде (и: **привúде**) pf **1.** 'почна да гледа, некој што бил слеп', в. **прăвúдуве** ~ *и-јóн рéкăл: Афéндо, да разглéдам. Исус ричé на нéгу: Обиди, вérата тфóа ти лекувá. И на тóа саáт си прăвидé, и óдиши пу нéгу, и му слáвиши на Бóга. И сáто сфéт кá видé, му сă прифалú на Бóга* [MV(K),280]; **2.** изр. **видéх, прăвидéх** (= бев принуден) ~ *Пу-адна нидéл'а дигнáме-сă зă-Дójрăн. Нă-прăкарá на-Дójрăн. Удéме уф-Сфúт-Илúцката цăрква. Тáм мáјка-ми умрé. Устанáме: пстгудúшна сéстра, áс и гудинăк брáт. Видéх, прăвидéх, нă-чéдо мéсто, шо вúкме нúа, дăдéх гă сéстрăми, дадéх-гу и брáтчито* [ПК,2(359)]; ~ *нúа сјáа нéјки- ме дă-фáтме тук нéкаа пóсалăм кăшта, мúслиме дă-сă-вăрниме пăк дóлу. Сéдме тáм нă-мирáта. Арно-ама видéме, прăвидéме сă-бутнáме уф-áдна вирáн кăшта* [ПК,2(Ним–261)]; ~ *ќи-дóо, сýх лéп нă-вéчăр, ќ-óде дă-пáсе óфци нéма јадéне, óни сă-нăјăдéли, нéма нúшто нă-нéго. Видéл, привидéл, си-*

зúме, дúгне шéјчто, тýк дујдéл, прă-тáа снáа. Отн дујдéл, нéјкат дасă-вúит [ПК,2(Иц–287)].

прăвúдуве (сă) impf 'почнува да гледа тој што бил слеп' ~ *вóа знајáл и гăлăбско да гувóре... и тúа гăлăбто си прăкăжувáле: "Да му пýштиме аднó пéро, дă си-ј чéпне óчте, ќи пулéдне". И му пуштýвăт аднó пéрце и вóа, алáки, гу нăјдýве, си чипнýве аднóто óко – му сă прăвúдуве* [ИГ,114].

прăвúкăве impf 'гласно извикува' ~ *úде пăјтóнут на мéстто, запúре, гулéмцут гу прăвúкăве урáчут: "ќи-м-гу дáјш тóа дéтто на мéне. Кóлко пáри сáкиш ќи-ти дáдум"* [ИГ,111]; в. **прнвика**.

прăвна (и: **прăвни**) adj num (m || f), в. **'прăв' 1.** ~ *јáхна кóнý, ги фтáса цáр'у, з'énт'уфци и ги устáви и прифтáса прăвна на мурабéту тój* [MSt,35] – во -текстот среќаваме несоодветна конгруенција: **прифтáса прăвна на мурабéту тój;** ~ *пуртукалáта хич' и ни удрумóни, сăс умó си р'éч'и: "óшти прăвна в'éч'ер, гл'éдај ш'то ми вилú"* [MS,t,29]; ~ *пак сă фáтат да игрáјат кумáр'; пак гу пáти кутý прăвната пáтка, му ги з'éха парúт'а* [MS,t,9]; ~ *се пуфтурýват двéте прăвни рé-дишта* [ME(P),95]; ~ *семиту прăвнăтă гудинă гу давă бегут, напкум сă чинă купцку* [ME(P),87]; ~ *ут имиштă нă ва рăмнинă сакă да се знаат вијă тритă... прăвнуту ј зă полјту узгорă* [ME(P),80]; ~ *дáли си чýла, разбрáла,[от ќи тă тéбе јустáват,[оти нé си јýбава,[като прăвната годúна,[и повтóрната нидéл'а?* [ИГ,107]; сп. **прăмна л'ап; сп. обичај:** – кога родителите на девојката и на младичот ја договараат свадбата се прави веселба со јадење, пиење, се прават колачиња и **прăмна л'ап** ~ *на четвăрток рано зентјут ки акалеса десетина моми, и родни-ни и нероднини. Сички ки дојдат, за фатат да месјат колачинта, и таја, што ки мјаси, да е дева сос мајка, сос татку... онаја дивојка за надјани от зентјут фесот... за пејат песми свадбарски, прајат много количинта шарени и един гол'ам л'ап, којто се вели прăмна л'ап, това што ки го поклонуват на нункото* [V,PM,246] – во извадокот имаме употреба на предлогот **от** со значење на посвојност: ... **онаја дивојка за надјани от зентјут фесот** (м. 'на зетот фесот').

прăвни петли 'времето пред да се зазори' – штом ќе запеат **првните петли** значи дека заминала сред ноќ (или **прекршила**) и дека се ближи зора. Сп. верување: тогаш, штом ќе запеат **првите петли** исчезнуваат и **лушутиите** (= злите духови) и тој што сака да патува може слободно да се движи. Народот верува дека ако сепак петлите запеат на **полнок** а кучињата лаат тоа е знак дека ќе дува ветар. Кога петлите пеат а сè останато молчи тоа е знак дека ќе заврне дожд, ако пак во тој момент магарето зарика значи дека некој ќе умре [ТГ,10]; сп. уште: *ваја застра станаме рано уште ка фатија првни петли да пејат* [ТГ,17].

прăвно adv **в. прăву** ~ *прăвно дујдé свéкурут. Мă арисá сус вýјкото нă мóмчто. Нă нидéл'та дујдé мóмчто. Сă глидáме сус нéго* [ИГ,116]; ~ *ќи зúмăт еднá бéла рúза, тóќи ќи-ј прéгнăт, хýмут; уф еднá чáша вúно, ќа а нăпúлнат, ќи пýштăт пáри уф нăтре. Ут вúнцто ќи дáде прăвно на мóмчто, нáпкум на нивéстта* [ИГ,117]; сп. изр. **прво да апнат умрини души** – верување: ниту една жена нема да вкуси од првите

плодови, особено од оние од своја бавча, додека *не раздаве за душа*. Првата лубеница од бостанот мора да се подели *за душа*, било што да се случи, бидејќи треба *прво да апнат умрини души*. Исто така кога се точи вино или ракија, прво ќе се истури малку на земјата и тогај ќе се каже: *"Нек са напијат и умринте"* [ТГ,33].

прăвнодjáк m 'црковен великодостојник' (од религиозната терминологија) ~ *на Свéтиц прăвномýчник и прăвнодjáк Стéфан* [MV(K),306].

прăвномýчник m 'маченик, светец' (од религиозната терминологија) ~ *на Свéтиц прăвномýчник и прăвнодjáк Стéфан* [MV(K),306] – во текстот среќаваме нерегуларна замена на големата носовка со **у**: **прăвномýчник** – несомнено се работи за црквенословенизам (веќе имаме истакнато дека нормален рефлекс од споменатава носовка во овие говори е гласот **ă**, сп. **мăка**).

прăвнорóдник m 'првенче, првородено дете' ~ *да ка станáл Jóсиф ут сóнут, чинúл катý как му пувел'á А нгелот Господúнов, и а зéл жéната му. Да не а знáиши на нéа вúки, дýри си рóди дéтито прăвнорóдник, и му кажá на úмито Исус* [MV(K),-305].

прăву adv 'прво, најнапред' ~ *гу пúта прăву ч'убáнину: "ти ш'тó р'éч'иш' за тáс фóтографúја?"* [MS,t,25]; ~ *с'éднува бáбата на крусно́ту, з'éва инá прăнчка и фáш'та с'ąфт'é, с'ąфт'é ('прăву, прăву') да навúва* [MS,t,7]; ~ *т'ут'ýн'у за да сă с'ăj тр'ăбува прăву да гу с'ăjми с'ăм'ąту* [MS,t,4]; ~ *ги нарéвами прăву прăнч'киту, му прумúнами на с'áкуј прăнч'ка и инó карýлч'а* [MS,t,6].

прăвусла́вче n 'назив за штотуку крстеното бебе' ~ *кáк сă-крăсте, кá к-óт тáм нă-врáтта нă-цăрквăта вúкăт: еврéjче о-дујсéх, прăвуслáвче ти-гу-зéх, трú пăти кáже и вúк гáре мо-j-кáжно úмто* [ПК,2(243)].

прăвусти́нка f, zool. 'крава што прв пат се тели, прворотка' [ПК,2(89)].

прăвăрзăве* impf **1.** 'кога завршува ткаењето на едно платно, на крај треба да се **прăвăрзе**' ~ *на шо ќи гу зăвújш крóсното* – **зăвăртáл'ка** (се вика). *Пą кă ќи-свăрше плáтното сă вéле* **прăвăрзăвум** [ИГ,121]; **2.** 'ќе стави крпа врз рана, односно врз болно место и ќе го врзе' ~ *гуша преврзала Руша,[с алова шарветка,[глава преврзала Руша,[с белоградски шкмијка.[Кажи Рушо, кажи душо,[јуд што болна лежиш?* [ТГ,38].

прăвăрнуве impf 'обраќа, превртува' – сп. го објаснувањето за поимот: **пáличник**: ~ *мáлéзн'о дéл шо гă сéче зéмăта, уд гóре па úма* **ýшо**, *то а прăвăрнувє зéмăта* [ПД,121].

прăвăртýл'ка f 'таа што брзо го менува мислењето и односот, што лицемери' ~ *зéр нé-а-знájш каквá прăвăртýл'ка-j* [ПК,2(89)].

прăгáч m 'волнен скутник, го носат жените', *а áко-j ут плáтно, памýчно пă прéдник сă вúке* (**Ник**) [ПД(118)]; ~ *и ѓáвуло óде нąчéшмăта, сéлцки чéшми нéли úма. Бáбăта óде да-с-нăпú вóда уд-чéшмăта, ус-пăлăн прăгáч лéп – кумáте. И-вéле: "Е, дă-тă-фýкне, ój ти прóси кумáте, а já твójо мăш двé лúри ми-дăдé, скријăл-ej ут-тéбе* [ПД(144)]; ~ *нéкаа жéна шо пăркáжуве и шó-j и шо нé-j, зă-н'áа вúкат: ýдрăна-j ус-мóкăр прăгáч* [ПК,2(205)]; ~ *тýнтăлче имáло гóре нă-крýшта, нéл' ѓáвул. И триснýве тýнтăлчто крýшички,*

ба́бăта ги збиру́ве, уф-прăга́чо ги-туру́ве. Ка-ј-тури́ла уф-прăга́чо: "сва́л'-се бре ту́нтăлче, ре́кла, на-ба́ба д-џ нăпăлниме уф-то́рбăта ти́ă кру́шички!" [ПК,2(253)]; и: **пре́гăч** ~ *а та́ че́лта шу-пăдна́ла та́му, ă на́шăл ца́руво си́н. Уд ме́рăк не́јна че́ла. Му-ве́ле: "Кој к-ă-на́јде ва́ш че́лăта ину-пре́гăч ли́ри ки-му-да́м". И кла́шăл две́ же́ни дă шетăт. Ут-се́ло нă-се́ло* [ДК-121]; ~ *та́а чу́па ă зе́ва, ă-зăне́сфа у-плăни́нăта, му-и-изва́жца о́чите, ă-уста́ва та́му де́ка пла́че. И не́јна ă-ублекфа, ă-нăриду́ва. К-ă-ви́шăл ца́ру, că-нăл'у́тăл по́јке. Му-ре́кăл: "Тăкфа́ нивеста!?" Па́ му-да́шăл пу-ину-пре́гăч ли́ри* [ДК,121]; ~ *ке-се-опа́ше по́јас и пре́гач со-алтăн'е: ту́ри на-ръ́ците гри́мни стре́брени, – ти́ја ги-кажу́ваме ко́лби; и́ма гри́мни од ме́да, ме́дени гри́мни* (сп. стсл. мѣдъ 'бакар' – лексички архаизам); и: **прегáч** [ПК,2(88)].

прăгле́де* pf 'упати поглед, погледна' ~ *căба́јл' стăну́ват, прăгле́т, прăгле́т тăка́ пла́нинта, не́ли пу́лени и́ма. Е, ре́кăл: "сја: дă-и́ма, ча́фките нă-пуле́нта дă-ста́нăт о́фци". Па ча́фки литáли тăка́, "кре́к, кре́к" прăви́ли. О-оп, ча́фките о́фци стăну́ват* [ПК,2(228)].

прăгни́ (и: **прăгни́ш**)* pf 'стане мек и полугнил' (се однесува на плодови од дрвото **скорупа, тие** зреат доцна наесен) ~ *сли́че нă го́рничкăта, дру́го дăрво-ј то:, дуде́ка не́ прăгни́т и ти́: не că ја́т, само ги немме ний* [ПД(124)].

прăгувóре (прагуворе) pf 'зборне' ~ *а́к ка́јш адно до́бăр де́н нă-чуве́к, не́ма дă-т па́дне у́стта, прăгувóри, зăшо́ си-чуве́к* [ПК,2(180)]; ~ *јудих, јудих, мале, ду срет пăти,[ду срет пăти,[па се врнах, мале, па и ричех:[Дубру вечар! [дури тога, мале, јудгувори,[прагувори:["Ела вечар, лудо, на вичери.[пу вичери!"* [ТГ,50]; – Ако некој во шала на ткајачката ќе ѝ каже: *"Как, как, că кине, са кубе!"* Таа обично му одговара: *"Изи-ќут да си прагризиш, ка (како) пугуди!"* [ТГ,364]; односно **пругувóре** ~ *"Ма́леее, шо́ а́рно де́те, а́ма не́мо. Не́ збуру́ва. Три́ гуди́ни не́ збуру́ва". – "Ка́ко ма не́ збуру́ва? То́ збуру́ва", му ве́ле. – "Е, ка́к ќи-пра́јме дă-пругувóре?"* [ДК,129]; в. **пругувуру́ва**.

прăдáаве (că) impf 'признава дека е победен' ~ *Că бури́л'е о́ште и Јарăм Минаре́то пăпса́л. "Нă мо́жум, ро́п сум на те́бе, ќулле́". Că прăдáаве и гу вăрзу́ве за вра́тут ус синџи́рут за ко́јнут, кини́сăве* [ИГ,113]; ~ *ут кушу́л'та о́тврто că уф мустáкте* (во шлемот). *Ка ќи флéзе до́ма ти дă-ј зе́миш – ќи-т că-прăдáде на́пкум. А зиму́ве кушу́л'та и во́а му că прăдáаве ро́п нă де́тто* [ИГ,114]; и: **прадауве** – кога ќе дојде Св. Атанас тогаш е *стрет зима*. Тешко е до Св. Атанас, а штом тој ќе помине *и тоа што му беше за умирајне – не са прадауве* (= и тој што му беше за умирање нема да умре) [ТГ,27].

прăдви́ке* impf 'силно извикува' ~ *о́ни ви́кăт: "Мумче́, мумче́", не́ рăзби́рме, на́ зна́јме шо́-ј мумче́, ни́а: "де́те, де́те". И ни́а пу-ни́х и că-качу́јме пу-се́лто тăка́. Ода: пу-о́сăм ду́ши тугáј бăлгарските вујни́ци, не́ о́да: пу чăтвăру́јца, пу-о́сăм că-стро́ја:: пăто це́л гу-фа́кат. И ни́а кут-де́ца că-прăдви́кме* [ПК,2(217)]; в.: **продвикне**.

прăдӣ impf, в. **прăдни** ~ *му вели́ на ца́рја: "а, ца́рју, те́зи чове́ци прăд-ја́т, а́ми́ да на́јдиш чове́к да не́ е прăди́л, от ка́к си роди́, о́н да гу се́и!" Тогáс ца́рјут му вели́: "а бре́,*

сúнку, ам дéка úма човéк, без да прăдú!" [V,PM,155].

прăдúш* m 'смрдлив гасови што човек (или животно) ги испушта низ дебелото црево, прдеж', в. **прăдни** ~ *едно́ врéме édин цáр имаши жéна трудна и, кога́ бúла óколо на деветја мéсици блúзу вéки за да родú, едúн дéн, кату седjáли сóс цáрjут, са лафýвали* (погрешно пишува: 'лофýвали'; сп. **лаф** = збор), *царúцата, от млóгу товáр, што имáла, от-прéт цáрjут прăднáла. Цáрjут, кату чý прăдúшат, си разл'утú млóгу* [V,PM,155]; ~ *урúге, му-бăрбóре куремо. Или прăjăдéл или тăкá úма, то урúге, му-вúкăт. Или то сă-прăпúл, ки-урúге. Германците нé пăрдéшо, тáа пóвиќе га мрáзат, тáа урúгинто* [ПК,2(240)].

прăдни* pf 'кога испушта смрдлив воздух од дебелото црево' ~ *ади кату вичéр'аха, едноту дéте прăднá на сóфрата* [V,PM,26].

прăдójдин adj 'тој што не е од тоа место, што не е староседелец, што е дојден од некаде' ~ *нăсилéнито ej пóвиќе уф-Арсуво, стáро Крундúрци. Укулу шéj-сéдам кăшти сă-нáши, укулу тринájсе сă-прăдójдини, áма пák нé сă-тăквú, дуjрăнчáне úма, мукринчáне úма, пá сă-нáши, áма "гăркумáне". Глáвно друjсте сă-нáши, тăкá чúсто нáшо гувóрат, дă-тé-j мирák дă-j-слýшиш* [ПК,2(Крец–307)].

прăдукáре* pf 'приближи, донесе блиску каде што треба, во случајот до договор' ~ *е, му-искáрăт éjн нáсуш, гу-искáрăт нă-пазáро. Сúте óдат тáм, здрáво жúво ус-тáтку-му сáкат дă-нăпрáвăт пăзăрлăк, áма нúкуj нé смéе дă-óде кăдă-нéго. Тăмáм ко-прăдукáрăт на пăзăр-лăко, óно ки-рéче: "Ej, ут-тéj пó-ýчăн ним зúми"* [ПК,2(Ним–271)].

прăдăлже* pf 1. 'настави да прави нешто', в. **прăдăлжáве** ~ *трагнýве, тáмка úмише éдни тăрла уфтýрцко врéме. И дéтто прáво нă-тăрлишчăта óде. Нă-тăрлишчăта нé-нăjдéл нúкуj. Рăчéл: "Ки-прăдăлжум". Пуминáл, тáм édно сéло... Ет ти éjн стáр чувéк, нă-нéко пăтéка* [ПД,147]; ~ *"слýши, му-вéле, кá ки-ти-дáде он нă-тéбе злáтнио пăрăхóд, пăмпóро и вăгóнто тú, рăчé, нă то дáта дăдójдиш пá прă-мéне тýка; нéкуj зáлиф имáло тáмка, уд-мóрто. Ки-сă-нájдăме, рăчéл, и пóсле ки прăдăлжиш зă-дóма"* [ПД,148]; ~ *имáло нéко врéме трýjца брáте. И-тúй трăгнáли дă-бăркăт кăсмéт, рăбóта. Пăтувáли шо-пăтувáли, ги-стимнúло дунéко вудăнúца. И-ричéли: тýк ки-прăспú̀ме ва-вáчăр, пóсле ки-прăдăлжиме пó-нăтáм* [ПД,167]; 2. 'кога нешто трае, опстојува' ~ *Тúа сă-викáли русáлиj... Кáпте мубúли тýрцки, áма нă-кáпта имáло пă крáс, сă-знáло, нé сă-Тýрци, óт сă-христéне. И тúа русáлиj игрăjáли нáши óра, кýкушки óра, áма нă тýрцко úме óрта сă-викáли. И тăкá сă-прăдăлжúло дáлго врéме уф-кýкушкоо крáj и сă-рăширúло и фăтúли ус-тúа óра да-збúрăт пáри, дă-грáат цăркви, учúлишта* [ПК,2(Крец–305)] – за ова в. поопширно во текстот на заглавниот збор **русалúи**.

прăдăлжáве* impf 'наставува да го прави истото' ~ *и му-вúке мóмта: – Ама што-хýбава прúкăска кигувóриш, éс тóлку гудúни живéм тýк, тăквá прúкăска не-бих-чýл, прăдăлжýви, прăдăлжýви!* [ВК,-284].

прăдăнýве pf 'го помине денот' ~ *нújă кá пăтувáме, кá пăтувáме, áдно врéме кóга сáмна, пá нă-твá мéсто. Усăмнá, пá тáм, нă-áдно мéсто, Жéнцко му-вúкăт, ф-Жéнцкуто пóле. И дóиче, já кути чéра кá*

рóсише, тăкá... "Слýши, вúкум нă-тó: другáро, áj к-ójме нă-тúја кáмăнто гóре. Ки-лéгнăме, вáдăн ки-прăдăнýваме" [ПД,172].

прăжéне* pf 'повторно се ожени' ~ *сă-прăжини́, уддé ут-тăрăн нă-глóк, сjáа пă шó-j сă пугудú адúн пиjăндýрко* (пијаница) [ПК,2(207)]; ~ *имáл нéко вréме нéка жéна, сă-прăжинúла, сă-прăмăжúла. Е, нéгво аднó и нéjно аднó, мóмичка имáла, двé сă-чинáли. Е, та жéна мăжó-j утивáл сè нă-лóф. Утивáл нă-лóф, катăдéн jáрбици нусувáл* [ПК,2(258)] – во кукушкиот говор жената: **сă мăжe**, овде запишаното: **нéка жéна, сă-прăжинúла** возможно дека е под влијание на говорот на староседелците во Струмичко; и: **прежени*** ~ *един-цáр, сéа кăту-дéтто как вáше, имáл идна-ýбăва мóма, лúчна. Ама, са-прежени́л тó цáрут, устáнал мак-úја. Нáм, тá мак-úјта шо-му-бúла на тá мóмта, сакáлă да-а-закóле* [БМ(Зб),197]; односно: **прижени** ~ *Туку нéjсине, аднó дéте устăнá, óно уд úгла* (инекција) *сибéп сăкáто устанá, сjáа ус-патăрúци óде. Здрáво бúше дéтто, инжéкција кá му удрúа, устăнá сăкáто дéтто. Е, сjáа рăбóте, сă-прижини́* [ПК,2-(Ид–289)].

прăзáрник m 'зелник со праз, печен во фурна' [ПК,2(89)]; исто така: **ус-прáс крáшник** [ПК,2(244)].

прăзúа m 'расад за праз' [ПК,2(89)].

прăзúрке impf **1.** 'сирка' ~ *сè тýк прăзúрке уф-нáс;* **2.** 'надгледува' ~ *дéчкăта и-устáвум сáми, áма мájка óде ги-прăзирке пу-два-трú пăти нă дéне, дудéк дă-дóм áска уд-нú-фта;* **3.** – **(се)** 'се насира низ тенка ткаенина' ~ *ти сă-прăзúрке фýската, пóдигни сj-áа, дă-нé ти-сă-глéде* [ПК,2(89)].

прăзúрне pf **'погледне на брзина, сирне'**, **в. прăзúрке** ~ *óде óна дă-шéте, дă-рăбóте, дă-крáде, ón ус-дéцта сéде. Лисúцта рéкла: "Дă-нé сă-изгóрте!" Огин навалúла, турúла дă-сă-вáре нéшто, фасýл'. Тóо сакáло дă-прăзúрне. Бáм – с-удавúл ф-тéнцăрто* [ПК2(234)]; и: **привирне*** ~ *и кату останали трудна, ја не имаши од радост. Али дошло времја за да роди. Пăрво викнали две стари баби, за да ја отродјат. Двете баби са чудјат, што да прават, и л'у призирнеха за да видат... заеднош на бабите душа му изл'али* [V,PM,275] – во текстот имаме уште еден случај на употреба на сврзникот **али** со адверсативно значење: **ја не имаши од радост. Али дошло времја...**, освен тоа како посебност треба да се истакне линеаризацијата: глаголот и заменската форма се одделени со негацијата: **ја не имаши** м. 'не ја имаши'.

прăзнáа pf 'прифати како реалност некоја непријатност' (в. **прăзнáве** 1.) ~ *уф Грăмáдна мă-интирсúрше адно мéсто: мă-излăжá áдин дéдо ут-Плóвдиф, дójдин уф Рáдуво нă гóсте. Вúкум: "Уд-дéк си бáче тú!" Вúке: "Ас сум уд-дóл, уд-Грăмáдна, кá бигáме уф-адни кáмине зăкупáх адни пáри". Ас уддéх тáм, нăjдéх адни кулишáне, рăскупáме кáминто, áма нé нajдéме нúшто. Ут-тáм сéтне, нajдéх адни уд-Мóкрине, нă-Пăндăлúуф Маńýш прăф бăрчéт. Нujкá дă-прăзнáа от-éj бăрчéт. Тáм, уф–Мурáрци, нajдéх кулу седăмнájсе-усумнújсе кăшти кулишáне. Ус нúх нăпрăвúх мáлко маабéт, ама нéчúс маабéт. А нájнóго мă-арисá уф-Лагадúна, не уф-Мурáрци. Ут-Сýхо на-вáки чú- сто макидóнцко сигувóрат, дур пóáрно и уд нáс. Уф-Лагадúна над двéста и усумсé кăшти има нáши. Тóо е мéсто кýлку пулвúна Струмúца* [ПК,2(Креп–308)];

и: **признáе** ~ *змéо се-зачудúл и си-помислúл óти Ѓýптино е-ствáрно нóго сúлăн. Ама пák нé-сакáл дă-му-се-предáде, нă-тóлкăф чувéк дă-му-признáе óти е пóсúлăн* [ВГ-(Мир),272].

прăзнáве impf 1.'прифаќа некоја вистина иако му е непријатна' ~ *дýрмин о-видéх ká о-зимá и пá нé прăзнáве, ачúк-ашкúре кóруф мă-прáве'* [ПК,2-(153)]; 2. 'оддава почит, признание (пр. за некаква услуга)' ~ *(ти) ма-свăршúй рăбóтта, ма-испрăвú пáшкăта и са нé прăзнáве* [ПД,137]; и: **признáве*** ~ *ми сă убисúа нă-врáто, áска дă-j рáнум тóлко врéме и пá не признáват* [ПК,2(176)]; ~ *нéкаа жéна нóго знáа дă сă-прáве árна, мăжо ќа-зăсáке нóго, нúкуј друк нé признáве* [ПК,2(190)]; ~ *(ти) ма-свăршúй рăбóтта, ма-испрăвú пáшкăта и са нé прăзнáве* [ПД,137].

прăймувe impf 'зема, добива' ~ *áдно врéме кóли óдаа, нéмше дрýго. Jă-рăмúj шó бúа тăквú, óдаа нис мójто сéло, ми вăрваа, нóсаа, кукушéнки, жéни ут-Кýкуш, дă-тăргýват. Отu Сóлăн мóре, мáдам, стóка ут Сóлăн зúмаа нă-Кýкуш нóсаа* [ПК,2(Иц–280)]; ~ *... а Сóлăн бúше, шó дă-ти-кáжум! Мóж дă-сте-удделе, уф-Сóлунско, нéсте удделú?! А тăкá, дă знájте кăквó-j. Стóка прăймăхме, ќи-дóнсаа жúто, тóги уф-тúа гудúни жúто искáрувjаа нóго. Тáтко тук ќи тувáрше аднá кóла чинúца, жúто, уф-Сóлăн ќа-нóсше, ќа-прудájше уф-Сóлăн. Отu тóги, тóо врéме, дéк тăквó, jók чýшки, jók т'ит'ýне, тăквú рабóти* [ПК,2(Иц–280)].

прăкáжăве* impf 1. 'зборува' ~ *Гу фăрл'ăт нă буни́шттo. Тáм си лéже. Пуминáле адни гăлăбе. Вóа знajáл и гăлăбско да гувóре... и тúа гăлăбто си прăкăжувáле: "Дa му пýштиме аднó пéро, дă си-j чéпне óчте, ќи пулéдне"* [ИГ,114]; ~ *сна тргнала сусе јарци, сусе кози да оде на јазлăк, да летуве уф планина. Идеќи пу пăтут се си пракажувала: "Трш, јаре в планина! – Серем се Сечку на брадина!" – Сечко ка чујуве, му паднало криво, па си утиде пра Баба марта и фати да и са моле да му пузаиме три дни он да владеје* [ТГ,13]; ~ *уф Стујáкăво прăкáжăвăт куту уф нáс (Мачуково* – македонско село до Балканските војни, сега, за жал, на грчка страна) ~ *тáтку му и мájкă му олаџáк си прăкăжувáле: "цáрут гулéма вујнá утвурúл, вójскăта а здрубúл; имáло нúкоа дујнá-ѓузилúјка тáм, зă нéа сă типáл"* [ИГ,115] – во контекстот имаме употреба на зам. придавка **нúкоа** м. 'некоја'; 2.'озборува' – скоро секое село си има свој светец (патрон), тогаш е селска слава, а се држи и панаѓур. Тргнувајќи од тоа дека ќе дојдат *чужди л'уѓе* селаните се спремаат како за Велигден. Често зборуваат: "*Море да сме сами, који му гледе оти нешто нема, или нешто е кусо? Ама ки дојдат чужди л'уѓе, па уд них срамота* (погрешно пишува: 'ньіх'). *Ки на пракажуват дудек ќи са живи!"* [ТГ,218]; в. **приказува**.

прăкáре* pf 1. 'однесе' ~ *нă-нăjдé тóо Тýрчино, нă-нусú дóма. "Тáтку-ти, вúке, áк нă-мужéх доспáсум бăр на-вáска дă-вă-куртулúсме". Удделе уф-нéго. Пу аднá нидéл'а дигнáме-сă зă-Дójрăн. Нăпрăкарá на-Дójрăн* [ПК,2(359)]; 2.'помине од еден на друг крај' ~ *кăрáме, кăрáме ду-Димúр Исáр, на-мóсто, тáм не пумúнуват дубúците. Растýрин мóсто глáвин'о, нă-лóтки нăпрáвин, та цăндáре тýрски, тáм куту рóбе пумáгат, бýтат на нарóдо, да-прăкарăт дубúците.Бýтат, е-ej, ќо-зберăт дубúтко, ма-*

гáрто нé óде, кo-дúгнат нă-рăци. И прăкăрáме мóсто [ПК,2(219)]; **3.** 'помине некаде извесно време' ~ *итáм устăнáме. Уф-адúн кунăк сéдăм кăшти сă-збрáа, тáм. Една жéна, н-áдин бăдник, Бужúк, гу-зăпáлú, изгурé то кунáко. Сúчко изгурé... Прăкăрáме тúа двă-трú гудúни. Сă-рăстурú вујнáта. Кój умрé – умрé, кój жúв си-дујдé* [ПК,2(261)]; ~ *Сă-прăбрáме, нă-зăкăрá нă-Бăлáсца. Нă-зăкăрá нă-аднá кáрпа, já кутитá соба кá-j... Нăтре грé таkáрпăта. Пикнá-нă тáм, тýка, вéле, вáдăн ки-динýвате, вéчăр, вúке, тáм, нă-то јáвур ки-сă-свáлите. Пикнá-нă-тáмă, дéно гу-прăкăрáме, árно, тóпло, кáмăн ама-тóпăл* [ПД,173]; ~ *прăкăрáме тáа зúма тáм, вúкме: "Нă-прóл'ăт ќи-с-јóдме, ќи-ш-јóдме, сă-стóпле, кáк дé-j ќи-с-пудréде". И тăкá, тăкá, устăнáме тáм* [ПК,2(219)] - уште една потврда за широката употреба на перфективниот презент: **сă-стóпле, кáк дé-j**; **4.** 'преживее, остане жив' ~ *Бигáме триндјста гудúна. Е-кáк, знáм-ли кáк? Бúме дóма éто, уф-кăшти, уф-сéлто. Војнú пóнапрéт úдаа, зăтáм вăрвиа, нă Сóлун, пут-Кýкуш удóло-j Сарăгóл', дéка мăшúната зăпúре. Е, ут-тáм нă-нáм, Сóлăн бúше, ут-тáм стáнá бójo. Знáјш кá úдаа – куту кăчăмáк кá вáрăт. Мójo тáтко жнúјаа ду-пăто, дуцăдéто ус-двăнájс дýши тájфа: твójта мóма, мójта, нé знáм накój, збрáни пумáгаа тáм. И вăрвит вујнúци и вúкат: "Чúчо, чúја-j тáа тájфа?". Тáтко вúке: "Мójа-j". "А -бе, ти-си-лýт, бéги дóма пóскóро, ýтре нé сă-знáа нă-тăкá-ли ќе-j, навáки-ли-ќе-j". И, ут-тáм, нă-фýтринáта тăргнáхме дă-бéгме...Кăквó бигáне? Кój дéк сă-нájде... И тăкá дунцéа мáлце лéп тугáj, тă-апнáме. Кój умрé, умрé. Апни крýши, нáпијсе вóда, áпни нéшто уф-трúте дéна аднóш. На-усумнájсе гудúни тăквú, млáди шó бúа сè изумрéа. Изумрéа тúа, нé знáм кăквá рăбóта, млáди шó бúа сè изумрéа, нúа устанáме, малéчки óти, нé јáјме тóлко нéли, ус-шó дé-j ки-**прăкáриш**, мáлчко ќ-áпниш. А стáрјоо, вăзрасин'оо сáксă-нăјáде. Нéли? Сè изумрéе пу-пăто, тáм. Мájка умрé, тáтко умрé. Е, аднá дýпка кулку-тýк шо дăрже тáа удáата, шýтн'оо кój зă-глáва кój зă-рăци, шýтн'оо тáм. И-нăдкáа уфнăтре. Сă-нăпăлнú тáа дýпката. Нóго чувéци зăтрупáа тáм. Зăсмăрдé сúчко уд-Дýпница на-вáм, иште пóнăвáки* [ПК,2(Шек–277)] – сеќавања, доживувања од Војната 1913 на Гоце Николов од с. Шекерлија, Кукушко; **5.** 'кога некој ќе го надмудри другиот' ~ *пýк, сăбáлинта, бúл' нă-мéне, úма áдна óфца, сáкăт да-прудáт мójте, нéма млéко. Зéа дă-ми-пăркáжуват нă-мéне. "Слýши, нă-тóо нýк-ми, мóлчи тáм-ти. Јáс сум прăкăрáл ду-сéга нóго. Јáс, вúкум, ká ќи-уткáрăх нă-грáдо дăпурдáм мо стóка, сă-нăбéрăт кулу мéн чувéци"* [ПК,2(241)].

прăкáрăве* impf 'потерува, тера да помине' ~ *нă стăрга ги прăкáрăвăт óвците, дă-j мăлзăт; сéдăт двýјца или трýјца, ги мăлзăт* [ПД(126].

прăки prаер 1. 'преку' ~ *прăки минýта* (на секоја минута нешто станува) [ПГ(Фур)]; и: **прăку** ~ *тăкá иште ќа спáле, ќа плаќáле и двýјцта, тóа дéтто ќа плаќáл, сăлзите ут óчте прăку пéрницта ду душéгут прăтунúле* [ИГ,112]; ~ *ќи зúмăт еднá бéла рúза, тóќи ќиј прéгнăт, хýмут; уф еднá чáша вúно, ќа а нăпăлнат, ќи пýштăт пáри уф нăтре. Ут вúнцто ќи дáде прăвно на мóмчто, нáпкум на нивéстта. Нáпкум ќи гу прăфăрл'ăт вúнто прăку нивéстта и прăку мóмчто* [ИГ,117]; и: **преко** ~ *се*

разбуди, Ванѓелино, црна Арапина,[што-ј запти́сал, Ванѓелино, пăти и друмуве,[и што веле Арапине, ем гуворе, џанум: "Дали знајиш ил' не знајиш, Попово Јуванче:[оти сум ти јас запти́сал сѐ бели друмувѐ,[и не давум преко ни́кка пиле да пралете [ТГ,40] – уште еден пример за проширената употреба на множинската наставка **-и** кај еднос̀ложни именки: **пăти** м. 'пăтишта': **што-ј запти́сал, Ванѓе́лино, пăти и друмуве**; **2.** изр. **прăки пле́т не́ виде́л** (= се кажува кога некој несмасно постапува' [ПК,2(189)].

прăкла́ве impf **1.** 'става од еден сад во друг, од едно место на друго' ~ *ни́м прикла́ви уд-бра́шăнто;* **2.** fig. 'зголемува, кажува невистини' ~ *мо́лчи, ни́м си-прикла́ви но́го* [ПК,-2(89)].

прăкрăсте pf **1.** 'кога верникот со прстите од раката допира до четири точки од своето тело (челото – стомакот – левото и десното рамо) и така испишува крст', освен в црква или гробишта, се прекрстува и дома, пред да почне да јаде; на вечерата, додека не се прекрстат сите домаќинот не почнува да јаде, и тогаш прашува: ~ *"Са прăкрстите сите?"* и не чекајќи одговор почнува да крши од лебот [ТГ,19]; – во контекстот имаме употреба на прашална реченица без партикулата (да)ли: **"са прăкрстите сите?"**, што се третира за балканизам; и: **прекрăсти*** ~ *напкун отидоха тија гувадаре; софрата кладена, ама не прекрăстил да фани да јади* (овде има испуштање на повратната заменка) [МС(В),97]; односно: **прикрăсти** ~ *утрината стана сиромахат от сонот, са уми лицето, са прикрăсти и киниса да си иди. На пăтју гу и фатил еден дăш, еден страшин облак... и запрјал на една страна дури да мина облакот* [V,РМ,93];~ *после за растроши еден кулак от онѝа, што сторили на пентук, и ки го фăрли напрет и назат, за ирмен за си прикрăсти три крăстови* [V,РМ,250]; **2.** изр. **си-најде́л цăрква де́к да сă-прăкрắсиш** (= личноста од која бараш помош, односно со која соработуваш не е сигурна) [ПК,2(194)].

прăкăжли́ф adj 'се кажува за личност што многу зборува, и досадува' ~ *прăкăжли́ва нăве́ста* [ПД(116)].

прăка́лве* pf 'удри, притисне, скине' ~ *сј-о: прăкăлва́л прăстут* [П-К(Мор)].

прăка́лвăно adj 'нешто на кое се познаваат траги силен притисок, односно од удар' [ПД(115)].

прăкăрда́ше impf 'претера во некои барања или настојувања' [ПД(134)], [ПК,2(89)].

прăкăрце* pf 'помине некако, преживее' ~ *гă-прăкăрца́ме зи́мта* (= ја истераме некако зимата) [ПК(Ним)]; в. **прăка́ре 4**.

прăка́ршăн adj 'нешто скршено, во случајот: со скршен 'рбет' ~ *де́тто сă-џăну́ве гувăда́р уф-се́лто и ма́јката дă-на́сат гуве́ата. Е, то́о де́те пура́снуве ерге́нин. Рăбути́ли адна́ гуди́на-две-три, ви́ќе искару́ват гуве́та да-на́сат, гле́де де́тто, адна́ зми́а прăка́ршăна, ла́зе* [ПК,2(215)]; ~ *сабајл'та ка́ станали, на-дру́ѓут де́н, па́ ги-искару́ват дуби́ќте, по́дол о́дăт тăка́. Гле́де вăртат гуве́та, гле́дат адно́ прăка́ршăно ма́че. Шăре́но ма́че. И тăва́ ма́что о-фа́ште у-ста́по, гукла́ве уф-не́бо* [ПК,2(262)]; ~ *на-тре́тјо де́н па́, о́ш по́ндо́ле о́дăт, гле́де адно́ прăка́ршино ку́чинце, ку́тре. И не́го о-фа́ште ус-ста́по, и не́го о-зи́ме и не́го о-кла́ве та́м уф-*

кули́бата [ПК,2(262)].

прăле́же pf 'преспие некаде за ноќ или две' ~ *и и́даа на-вéчăрта, ле́жаа та́мка уф-на́што сéло. Тúа кăмилáре гу-прудáвăт тóо мéсто... Тóо чувéк би́ше пóбугат, па утвури́ áн, па́ и́даа кăми́ли, áма по-мáлко. Пă и́мше кăми́лцки дикáн* (ан?), *зă кăми́ли дă ле́жат нă-вéчăр. Оти знáјци, ќи-дójдăт ут-Кýкуш, ќи-дóот, ќи-прăле́жат уф-сéлто, ут-Сóлан ќи-дóот уф-тáм, уф-сéлто ќи-прăле́жат* [ПК,2(Иц–283)]; ~ *Бáци уф-жéтва сме бигáли... Питрóвдăн. Ут-кá бигáме тáа вéчăр, удéме уф-Кýкуш лижáме. Имăхме тáм аднá кýма, тáм уф-ни́х лижáме. Тáа вéчăр кá прă-лижáме сéтнă немá лижáне, сéтне, сéтне, бéги, бéги* [ПК,2-(Иц–283)].

прăле́те pf 1. 'почне да лета'; 2. 'со летање помине над нешто' ~ *пи́ле нă-мóж дă-прăле́те* [ПК,2(188)]; ~ *се разбуди, Ванѓелино, црна А рапина,[што-ј заптисал, Ванѓелино, пăти и друмуве,[и што веле А рапине, ем гуворе, џанум: "Дали знајиш ил' не знајиш, Попово Јуванче:[оти сум ти јас заптисал се бели друмуве,[и не давум преко ниска пиле да прелете"* [ТГ,40].

прăл'ăтáр m 'мало пиленце' ~ *мăлéчко пи́л'ăнце, ка ки прăле́те сăфтé* (за прв пат – објаснување за називот **прăл'ăтáр**) [ПД(126]; ~ *пи́лчките ќá фáштат дă-сă-ýчат дăлéтат и-ви́кме прăлитáрчита*; 2. fig. 'мало, мило дете' ~ *ви́ј-ги шос-ýбувички, прăлитáрчита; ój нă-бáба прăлитáрчитта, дујдéли óни нă-гóсте* [ПК,2(89)].

прăм (и: **на-прăм**) prаер 'изразува споставување, споредба – наспрема' [МЕ(Р),175] ~ *нáпрăм н'óо тó нéј ни́што* [ПК(Гăр)]; в. **прăмо**.

прăме́сте (сă)* pf 'се измести од едно на друго место' ~ *дујдé аднó нăрицéне Гăрцте сă-прăмéстат. Прими́ре биде́ло, прăми́ре. Фрăнцýјсто, Англичáнто – ми́р, Гăрцте дă-с-јóт дóма, дă-сă-вăрнат пá нăни́јнто мéсто* [ПК2(223)].

прăми́н* adj 1.(в. **прăвна**) ~ *прăмнајут, ш'у гу пăта, му р'éч'и: "с'éт' тýкă и за нáјдиш' рáбута"* [MS,t,-81]; 2. 'важен во извесна хиерархија' ~ *тас момата му вели на царјувут син: "мшички мăжу, јазе имам четиријсет братќа харамии, ониа требува да ги земеме тука". Тогас пратиха л'уди от царјут и едно писмо от дјун'а ѓузели, от нихната сестра... Тогас царјувут син сички ги промина, прăмни ги стори на конаќут му* [V,PM,214].

прăми́сл'ăве (си) impf 'си помислува' ~*"Кá сáкиш д-сă-би́јме у кóпи* (= со копја) *или дă сă-бóрма?" – "А, рéкăл, чýм ме е у кóпи!" "Ќи-гуфáтум, си-прăми́сл'ăве, ќи-м-гу ск'и́нум врáтут куту на кукóшка"* [ИГ,113].

прăми́не pf 'се придвижи, помине преку нешто' ~ *нăјмéл-се Гóце Дéлчуф вујвóда,[ус-нéгăфта вéрна дружи́на,[уф-Кукýшко рáмно пóле,[дудéк да прăми́нăт грáницта,[пăрва пýшка пукнáла,[Гóце гу уф-гăрди рăни́ла,[в-лéвăта стрáна уф-сăрцето* [ПК,2(Крец–296)].

прăмо prаер 'за означување време кога нешто се случува, пред друго нешто' ~ *и́мше нéкаа кóла, сă-нақачи́ме сáмо ни́ја дéцта, бăре нé óдиме пéшки. Стáрте сă-изнăмăчи́а, тá сăс-ни́х: а-брá, а-брá прăмо Питровдин, на-двé дéна стигнáме уф-Џумáта... пусидéме двă-три́ дéна, ќá фăти́а дă-мри́ăт, фăти́а дамри́ăт чувéци. Нéкаа бóлес сă-пујави́, нé знáм, испáнска бóлис, кój-знáа*

кăквá бéше. И вујнá, умúрăт чувéци. Ут-нáште сéла áјн чувéк, тáм уф-áдни слúви, нă-пуд-Цумáта уддóлу, чаúре úмше, тáм сидéме, умрé. Нúа к-óдиме нăгóре дă-извăрвиме, и бáба пу-нáс гă уставúме. И, адно врéме áј-го úде адúн чувéк, нămитнáл чéргата нă-гăрбо, дујдé. Глéдум бáба гă-нéма. Вéл'ум: "Дéка-ј бáба?" "Е, умрé бáба-ти, вéле, тáм гă-заријáх уф-едúн ендéк, гă-пукрúх". Еми, шó ки-чúне. Ет тăквó нáшто бéгише бúше [ПК2(Шт–249)] – текстот претставува автентична приказна од информаторот Динчш Митров род. 1899 во с. Штемница, Кукушко, за голготата низ која минале бегалците од Кукушко за време на Втората балканска војна 1913, кога грчката солдатеска го уништила градот Кукуш и неколку десетици села во околината. Настан што не смее да се заборави.

прăмăже* pf 'се кажува за жена кога повторно ќе стапи во брак, така е по правило, но во случајот: кога маж ќе се прежени' (?) ~ *бúли мăш и жéна, сă-чинúли, сă-прăмăжúл мăжут. Сéтне жéнта дунцéла мóма и мăжот имăл и óн мóма. Двé мóми бúли тúа. Исјáа жéнта ут-мăжут мóмта нé а-сáке, гă-нéјке* [ПК,2(Ић–285)].

прăмăкне* pf 'извлече, скршнум однесе нешто' ~ *шо úмше нă-бáхчата сé он прăмăкнá, нă сéстрите нúштичко нé дăдé* [ПК,2(193)].

прăнуќáве* impf, в. **прăнăќуве** ~ *удднме пу-рéкта, флизéме уф-édна јéла шо-о-вúкме нúа, тáма да-прăнуќáвме. Лéп нéма, вóда нéма, нúшто нéма. Дéтто на-чúцка намájка-ми плáче, óно па ки-нă-издáде. И флизéме тáма, мрáфки ќи-нă-дујáдат. И-мájка-ми вúке: "Дé брé Рúсто, ти сă-мóче? Да му дájме, вúке, нă-дéтто, зéр ќи-н-издáде"* [ПК,2(Ал-358)] – употреба на прашална реченица без партикула (балканизам): **"Дé брé Рúсто, ти сă-мóче?"** – во текстот ни е претставено трагично доживување на информаторот (непознат) од с. Алексово за злосреќната судбина на бегалците од Кукушко 1913, кога мајка, којашто во градите нема млеко, му ги натопува прегорените усни на детето со мочка, за да престане да плаче, да не ги издаде детското плачење кај грчките војници.

прăнăќúве impf, 'ја помине ноќта, преспие некаде' ~ *Дујдéме, дујдéме ду-кájничето* (изворче), *ама-нé нă-пуштýват уф-сéлто дă-óдăме, уф-Тудóрăво, áјде гóре уф-плáнинта. "Тýка (ричé), вá вéчăр ки-прăнăќýвăте, ýтре тáм нă-тúă кáмăне кисă-свáлите и-нúă ки-излéзăме, ки-вă-прăчéкăме". Арну-амă тóă дéн трéска врăс-трéска нă-мéне* [ПД,-173]; ~ *óдат уф-аднá вудничка. И уф-тáа вудничкáта, тáм, ќи-прăнуќýват óни. Кулу стрéт вéчăр úде мéчкăта: "Ии-и, сáм лóф ми-дóшал нă-нóги". "Ее-е, куту-тéп јунáци зăт-врáтта вúсат"* [ПК,-2(Ним–276)]; и: **прăнуштýве*** ~ *сă-вăрнáх нă-тóă мéсто, глéдум нéма нúкуј. Вúкум: ки-стóăм тýка, тăкá си-вéл'ум уф-акáло де, нéли кá ки-устáвиш адúн шéј трéба дă-сă-пувăрниш дă-гу-путéрии. Стáнá стрéт нóш, нúшто нé сă-јáви... И вăрвум низ-аднú дăрва пу-бăúро, сивéл'ум: "Ки-тéрум дă-прăнуштýвум вéчăр"* [ПД,173].

прăнч'ка f 1. 'гранка, стап, прачка' ~ *напýлнувáми двájси, трúјси калáм'а ... з'évами прăнч'ки, карýл'ки, кóли и мутувúлуту и пр'éлуту* [MS,t,6] – уште еден случај за проширената употреба на множинската наставка **-и** кај еднослоѓни именки: **з'évами прăнч'ки, карýл'ки, кóли** ; ~ *ни*

имáха сăс ш'тó да купájат, з'éха пу-инá прăнч'ка, стóриха ч'ивúја ... и фáт'аха да рúјат [MS,t,48]; ~ *сид'ăха сăс дирминц'újата, си м'ăр'ąха пúлкат'ą, кутráји пóгул'áма, сăс иднá прăнч'ка* [MS, t,-78] – во текстот се зачувани траги од назалниот изговор кај големата носовка: **прăнч'ка;** сп. **ц'ăп**; **2.** 'прат со кој се навива основата на кросното' ~ *с'éднува бáбата на круснóту, з'éва инá прăнчка и фáш'та с'ąфт'é, с'ąфт'é ('прăву, прăву') да навúва* [MS,t,7]; ~ *áку н'ăма прăнч'ката сă ни вúј* [MS,s,90]; **3.** 'врвка (?) од тутун кога се суши' ~ *сандáлу стáнува ут п'ém', ут ш'éс прăнч'ки, усăхнува сандáлу закáцини пу ш'áјкит'ą, пу стр'ąхáта* [MS,t,5] – проширена употреба на предлогот **пу** наместо 'на': **усăхнува сандáлу закáцини пу ш'áјкит'ą.**

прăпáдне (и: **припáдне**) pf **1.**'кога некој или нешто влегува внатре в земја, кал и сл.' ~ *кăжáх: "Aj к-óјме утцáро ки-крáдăме". Сè си-искăжáл óн: "Пишúн, рéкăл, гă-убрáме мазáта. Е-шó кулáј нăјдéте: кăтрáнин кăзáн турúте, тáм дăпрăпáдне уф-кăзáно. Дóбро, прăпăднá мо-гáзда, áма дудéка музăгúне глáвăта ác мо-зéх и нăмужсéте до-пузнájте* [ПД,170]; ~ *уф-зéмта прăпăднáх* [ПК,2(207)]; **2.** 'исчезне' ~ *кăдă прупадна ва толку живина?* [МЕ(Р),77]; **3.** 'се кажува кога некој ќе доживее сериозна загуба, односно ќе западне во сиромаштија' ~ *вúкме нéшто ак зăгубиш, јá пă дă дă-ти прăпáдне имáне, тугáј ки-рéчиш: áска си-измúх рăцто утóо и тóо шéј* [ПК,2(193)]; ~ *шóсă зăдумúл си тóлко, гимúјте нé-т прăпăднáа* [ПК,2(157)]; ~ *един човек по дно времја и седјал на една касаба, имал сирмае, харно работиши; дојде на иликиа, си ожени за една вдовица жена. Кату си ожени, припадна много сиромах, и жената му тешка си чини* [V,PM,161]; **4.** 'кога нешто биде уништено' ~ *óдат náучницúто и-Нăсрадúн Оџа гопúтат: "Кóгą ки-припáдни свéто!" Он мýдар, и-óн сą-нăсм'ál нă-тúą трú четúри дýши, тúą náучни л'ýди, се-нăсм'ál* [ЛС(К),120].

прăпáжде impf 'се губи, пропаѓа' ~ *сă вúке дéк úма тресúлиште, нéкокál, нéко дýпка, дéка гнијáло тáмка сáто, знáчи дéка прăпáжде* [ПД(129)]; – *"ки-тýрте едúн казáн кąтрáн нă-врáтта. Тóкąтráно нé пýште кулáј д-излéзе чувéко, áма нéка-ј дăлбóко". Другáта вéчар тúа пák удúле дă-крáдат, гáзта удúл нąпрéт. Ама úма прúмка сја. Измикáрчато устáнăве, а гáздата нąпрéди и тáп у кąтráно прąпáжде* [ВД(Ник),279]; и: **прăпáжќе** ~ *вáа вил'ála: "уд мéне пó-ýбăва нéма нăдујнáта", он пă вил'ál "пó-сúлин јунák нéма дă úма нă свéтут". Кą удирáл нă зúдут, гу турувáл, рăкта прăпăжќála ув зúдут* [ИГ,112].

прăпаре pf 'влезе, дојде' – но обично со негација и во контексти слични на овој што следува: ~ *детто устана тамо, са мислише, кăд доде, си риче на умут: "Ќ-одум на царцката мандра!" А пак на таа мандра не бише кабил чувек да прăпаре ут ного кучијна* [V,PM,295].

прăпејвe (и: **прапејвe**) impf 'кога жена над гробот на скоро починат член од семејството тажно плаче со солзи и нарекува' [ТГ,31]; *прапејват* само жени и девојки, а мажите никако. Мажите плачат така што само *слăзи ронат*, но глас не пуштаат; ~ *"Слýши-мур, рăчéл, тóлко мă-прăсилú, чúм сákиш дă-ти-кážум и ки-ти-*

ка́жум, а́ма пъ́рво шо-ки-нъре́дум ки-нъпра́виш. Въ́ри чини́ца, ме́си пу́ли, пусте́ли, суре́ди и на́пкум ја́с ки-ле́гнум, к-у́мрум, ти ки-мъ-прăпе́виш" [ПД,153]; ~ *пустăл'а́ла, о́н л'ăгна́л и све́шште и́ зăпăли́ла и са ко-прăпе́ве* [ПД,153]; – ако при ткаењето жиците се заплеткуваат или се кинат, тогаш таа што ткае ќе каже: *псешка работа! Капа да ти падне, да не са врниш да си а земиш. Седни па прапејви!* [ТГ,364].

прăпе́ле (сă) impf 'се превиткува, се препелка' (пр. од болки) [ПК(Грам)]; в. **припелка (сă)**.

прăпе́че* pf **1.**'кога нешто ќе биде пречреано на огин – до степен на изгореност'; **2.**'кога сонцето силно пече' ~ *на́пкум ќи гу прăфăрл'ăт ви́нто прăку ниве́стта и прăку мо́мчто. Пусе́стримте ќаа но́сăт во́нка да сă прушта́ве. Пе́ат: уф јунăкăви дво́ри,[сла́нце прăпиче́ло,[уф мо́мини дво́ри,[ро́са зăрусила* [ИГ,117].

прăпе́чуве (се) impf 'се грее на сонце' ~ *Ка́ пугле́днуват сел'а́нто: нă-мăга́рто вăлк. "Бре́ј, вăлк, гл'ăда́јте, вăлк, дăржа́јте". Удрăт ус-стáп, ус-ка́мăне, у́дрăт, гу-прăте́пăт. Избига́л па́. Избига́л ама гла́дин, папца́л веќе, нă-мо́ии д-о́де. Удде́л нă-не́кој при́пик не́де, нă-не́ко сла́нце. Прăпе́чуве се ду-е́дно ло́зе* [ПК,2(216)].

прăпи́е* pf 'испие течност повеќе отколку што треба, отколку што е нормално' ~ *ури́ге, му-бăрбо́ре куре́мо. Или прăјăде́л или тăка́ и́ма, то ури́ге, му-ви́кăт. Или то сă-прăпи́л, ќи-ури́ге. Герма́ните не́ пăрде́шо, таа по́виќе га мра́зат, таа ури́гинто* [ПК,2(Грам–240)].

прăпита́ве (се) impf 'живее некако, задоволувајќи ги само основните потреби' ~ *уд-ни́ифте иска́руве кулку дă-сă-прăпита́ват о́ни дву́јцта* [ПК,2(89)].

прăпи́шуве impf **1.** 'остава наследство на некого (во писмена форма)' ~ *те́јко нă-ме́н и нă-до́да ни-прăпиша́ си́чко;* **2.** fig. – кога човек е тешко болен се вели дека **прăпи́шуве** ~ *па́ ли прăпи́шувиш?* [ПК,2(89)].

прăпл'у́ве* pf 'пливајќи помине низ некоја водена површина' ~ *Фăти́ла да-ј прăфта́ăве таа, мо́мта шо ја́де. Фăрл'и́ла сто́мнăта –ăй чини́ла во́да – нă лужа́ла да-ј фта́се. Прăпл'ува́ла па́ пу мина́ла во́дта* [ИГ,109]; в. **приплива**.

прăпу́ќе* pf 'почна да пука' ~ *нăпăлни́х о́чте да пла́чум. Гле́м кăм-за́вуда сă-витре́е не́кој, а́ма не́-мо́жум да-гу-разли́чум шо́-ј. Мă-пушти́а, а́с тăрчум, о́ни прăпука́а, о́дум кăт ма́јка* [ПК,2(Ал–358)]; ~ *бăлгăрските вујни́ци флизе́а уф-Мо́крăне с-но́жуфто нă-пу́шките, те́рат пу-кăштте дă-не́ма Гăрци уста́нни уф-се́лто. Прăшита́а кăштте, испăдна́и се́лто нă-во́нка. Па́ прăпука́а и це́л де́н курши́мто свире́ă нăд-на́с, а́јде низ на́шо дво́р: па́-у, па́-у* [ПК,2(Мор–222)]; ~ *Ка́ бига́ме ли? Па́сăхме нис-по́л'то. Гăрцте уз-до́л ка́ нăстăпваа, сă-гле́јше бил' ка́ и́даа. Ни́а фăти́ме дă-бе́гме, а пă уд-до́л адни́ бу́гарски вујни́ци та́м нă Гăрди́штто* (< 'Градиште' top.) *на́ше, нăт-се́лто прăпука́...* [ПК2(Пос–290)].

прăпурда́ве* impf 'го продава она што самиот го купил, но за повисока цена' ~ *Ту́рчин ади́н прăпурдăва́л пу́шки на куми́тто, сă-вика́л Га́фур-а́га. Нуси́л аднуч пу́шки, мудде́ли ше́јсе ли́ри. Се́тне Ту́рчино фа́јќе, уф-тăкви́ сăндăци нăре́дăве мăстăга́рки и-но́се, и прудăве нă-куми́тто, му-зи́ме па́рте* [ПК,2-(Крец–311)].

прăпăрче* pf 1.'нешто големо, пр. камен, со кревање го постави на обратната страна' ~ *и-викнýве рăбутнúците, сúте испăднáле тáм прăдéуто. Уддéле тăкá нă-стрáна, имáло нéко: плóча, кáрпа. "Ајде, рăчéл са:, зимáјте та: да: прăпăрчăме нăдрýгăта стрáна". – "Кáмăн тóлкуф сă-дúге?" – "Тóлко дýши нé ка:дúгнăте?" – "А јáс, рăчéл, ки-вивúкум, ви: ки-дúгате"* [ПД,150]; ~ *И-зимáле, а дигнáле; нéли бóжа пувилú:, шу-вéл'ăт, а-прăпăрчúле плóчăта, испăднáло сè злáто* [ПД,150]; **2. прапрче (са)** 'се обрна наопачки' – добар ловец е оној што ќе го погоди зајакот во тилот, па да се *прапрче* кога ќе го погоди; а птиците во лет ги гаѓа под крилјата [ТГ,387].

прăрóде* pf 'се роди повторно' (fig.) ~ *ут кá сă-упирисáх, сă-прăрудúх, сă-спасúх* [ПК,2(197)]; сп. **природан брат.**

прăс m 1.'подвижен дел што се наоѓа на крајот од раката (или ногата)'; ~ *и путúр'у и гу спúва, гу устáв'ă прáзин; извáж'да и прăстúну ут н'éјн'у прăс, си гу клáва на н'éгуву прăс* [MS,t,21]; ~ *рéкал на нúх: А кý не а вúдак ут рăцити нéгови дýпкити ут карфúити, и да клáдам прăстот ми уф дýпкити ут карфúити, и да клáдам рăката ми на рéбрити нéгови, нé и кабúл да верýвам* [MV(K),337] – имаме употреба на предлогот **ут** (< од) на место 'на': **акý не а вúдам ут рăцити нéгови дýпкити ут карфúити;** ~ *нăтрă си сéде, кăргýј си глéда [прăста си кăрша – кăргýј гу рáна* [МЕ(Р),93]; ~ *Тогас нивјастата му вели: "бре портокалци, ошти малко не си потрапал". Тика кату чу јунакот, еднош отари вратата и побегнал сал сос еден прăстен на прăстот* [V,PM,192]; ~ *нéа а-зéва, а-клáва тáму, узáди, кăј кукушáрнику. Пуд-идну-кóш ă-пулýпа. – "Тýка дă-сéдиш, дă-пýкниш!", мувéле. Ваи гу-зéва тó чéлу, му-мéра нă-кéрка-му – нă-прăстта нé-му влéга чéлăта* [ДК,121]; (сп. имиња на прсти: **пáлăц** 'дебелиот прст на крајот'; **стрéдăн** (или **гулéм**), уште: **мăлéчук прăс** [ПД(Фур)]; кај Малецки (од Солунско): **пăрăс**: *ут дóл* **гул'áм пăрăс, стр'áдна пăрăс**, *пóудол ут* **стр'áдна – мáлка пăрăс** [MS,s,90]); **2.** 'дебелина од нешто колку 1 прст' ~ *за инá тапс'á баклавá (гул'áма, мáлка?) три прăст'а* (дебела) *инá укá ш'ик'ép* [MS,t,8]; ~ *Бог да јобије, мамо, кундурџијчето![што ми прави, мамо, пандофлички,[што ме ного стегат, ох јоф прсти,[ох јоф прсти, мамо, чак до пета* [ТГ,39]; **3.** изр.: **нă-прăсто си-гу-вăрзá** (= кога некој нечија лоша постапка ја памети многу време) [ПК,2(185)]; **устáнá ус-прăсто уф-ýстта** – се кажува кога некоја девојка, којашто е свршена, и ќе ја прекине врската [ТГ,144]; или кога човек ќе остане без некои важни работи ~ *дéцта ма:-пруддéе кăштта, стáрјо си-устăнá ус-прăсто уф-ýстта* [ПК,2-(206)]; ~ *Адúнјо кóјн н'о:-зимáа вујнúцте, тувăрúа тăквó цăпăнé. А дúнјо сј-о-зимáме, бигáме ус-адúн'оо; вăлó:фто и кóлта н'а:-зимáа и, дрýкта кубúла ут-пăто..., устăнáме ус-прăсто уф-ýстта* [ПК,2(Крец--294)].

прăс f 1.'многу ситна земја, како прашина' ~ *стóриха ч'ивúја ... и фáт'аха да рúјат. Рúјат сăс прăнч'кит'а, ја м'áтат прăстá сăс ш'импúт'а* [MS,t,8]; ~ *по дно време еден уврејн от ониа, што фрăкат на Солун прăст, излеваши вăнка, и тој, кату фрăкаши прăст, си*

уморил, велаши "ох" и седна да си почини тамо [V,PM,234]; ~ *да и таја турлија прăс шо се наогја ув нашто поље... шо му велиме нијă "гјерин" не јă толку писуклива* [ME-(P),75]; ~ *кăрцката земја-ј песоклива, цăрвеница, цăрна прăс, бела прăс* [ME(P),78]; сп. ~ **сăдăве** – *ут прăс шо сă* – **бил'ýре**, *уд чúнго* – *бăшкá, и* **пијáта** (од порцелан). *Тýка* **пăнúци** *вúкат, нé вúкат* **мисýре** [ИГ,120]; ~ *и инó пúл'а вúкаш'и :"кутрú за в'éни ут тáс лăскавáта прăс пиш'мáн за стáни"* [MS,t,60]; сп. **ч'éрна пăрăс, ч'арв'éна пăрăс** (= глина) [MS,s,90]; уште и: 'сад за вода од *"прăс"* [ПД(120)]; **2.** 'вид земја со жолта или црвена боја' ~ *тá-ј зă-мáжне нă-зúмниците* (= подот од собите) *уф-кăшти* [ПК2(89)]; **3.** изр.: **чóику сáмо су-инă-рăка прăс сă-нăсúтфа** (= природата на човекот е таква што го тера да приграби повеќе за себе) ~ *шó дă-му-клáјш – сè нé сă-сúте. Утúшăл нúкуј стáр чóек, пóучén, му-вéле: "Шчó-е бе, шó? Чéкăте!", му-вéле. Нă-вć мутикнáло. Зéва иднă-рăка прăс, му а-фăрл'а узгóра – стáна. Чóику сáмо су-инă-рăка прăс сă-нăсúтфа* [ДК,-151]; **прăс и плéва** 'безброј предмети, суштества, еден покрај друг' ~ *вójска бúше прăс и плéва* [ПК,2(189)]; **прави прăст и пецјал** (= раздроби, уништи нешто) ~ *си завратја еднош на л'аво, еднош направо; душа не остави жјува. Тогас отива и на царјут от крăстот на дол гу прави прăст и пецјал, от крăстот нагори гу остави здрав* [V,PM,226] – во текстот архаизмот **прав** 'десен' е зачуван во прилошка форма: **завратја еднош на л'аво, еднош направо; прс на прс** – во минатото кога ги закопувале старците не правеле ковчези туку ги закопувале така, без ништо, тоа го викале: **прс на прс**, т.е. меѓу две земји [ТГ,255].

прăсé: (и: прăсéе) pf 1.'го исчисти житото од нечистотии' ~ *(тăкá) сă вúке тоо*, (станува збор за направата **дăрмóн**), *жúтто шó ки сă клá: уф нéго дă сă прăсé:* **[ПД(122)]; 2.** 'истури ситни работи, пари и сл. (во случајот врз главите на сватовите)' ~ *уф нидéл'та сабáăлинта ки дóат сфáтăве. Нивéстта ки-ј прăчéке на врáтта, ки-гу пулéдне мóмчто низ прăстăнут, ки-ј прăсéе сфáтăвто сус ичумéн, шикéр и бубăкéрно сéме* **[ИГ,117].**

прăсéве impf **1.** 'помине низ сито **брашно и сл.', в. прăсé: 1.; 2. прăсé: 2.** ~ *ка-к излéзат уд-врáтта нивéстта и зéто сă-прăсéват ус прéсев; прéсево-ј уд-наýт, бубáјк сéме, учумéн и дрéбни пáри* [ПК,2(90)] – во контекстот имаме употреба на именка во служба на атрибут: *бубáјк сéме*, наместо 'бубакерно' – според образец од тур. јазик; сп. уште: ~ *прéсево сă-прáве ус учмéн, сéмки ,... сúтни динáрчта* [ПК,2(88)] – во текстот ја среќаваме старата множинска наставка за ср. род **-ета**, што **не се употребува во нормативниот исказ: сúтни динáрчта**; сп. уште: спроти празникот *Мартинци* според обичајот домаќинката зема и става во *ирамот* (волнена простилка) бело просо, и со него *прасејве* околу куќата, [ТГ,16] – суеверие; **2.**: ~ *нéшто áк нé сé-ј фатúло* (пр. кога се сее цвеќе) *сă-прăсéјве óш аднóш* [ПК(Гăр)].

прăсéле (сă)* 'се префрли да живее од едно во друго место' ~ *И тúа русăлúј игрăјáли нáши óра, кýкушки óра, áма нă тýрцко úме óрта сăвикáли... Нáште коо сă-прăсилúли тринáјста гудúна, кá избигáли тýка,*

тóо óро сă-рăширúло и тýка [ПК,2(Крец–305)].

прăсéнно adj 'се кажува за материја која што од употреба станала тенка' ~ *тó-j истéнчино уд-нóсне, óш мáлце ки-сă-скúне. Прăсéнно-j нéкоо килúмче-ли, нéкоо чăршáф-ли, сă-прăзúрке* [ПК,2(90)].

прăсúли pf 'принуди, натера' ~ *та ká сă-фтирúла: "Кáжи дă-кáжи, кáжи дă-кáжи, пăрúте уд-дéк-сă и нú тóлко бугáти шó сă-чинúме". – "Слýши-мур, рăчéл, тóлко мă-прăсилú, чúм сáкиш дă-ти-кáжум, ама пăрво шо-ки-нăрéдум ки-нăпрáвиш. Вáри чинúца... јáс килéгнум, к-ýмрум"* [ПД,153] – прави впечаток присуството на архаичниот сврзник **чим** наместо 'штом': **чúм сáкиш дă-ти-кáжум**.

прăсин adj 'нешто направено од глина (*уд прас*)' ~ *нúа úмме прăсин мисýр за-јýрт, глигóсин-ej, ак сáкиш дă-т-јо дáм* [ПК,2(90)].

прăсúца f, zool. 'свиња што има мали прасиња'; со исто значење: **мáтурца** ~ *прăсúцта сă-упрăсúла дéвит прăсúнка* [ПК,2(90)].

прăскач* m, zool. 'вид дива птица со тувка на главата' [МЕ(Р),175]; ~ *тука се плодат ногу лиут, така има ут пилците лиутут шо се јада: диви папиј, куклики, диви кукошки... прăскача* [МЕ(Р)76]; во Кукушко го имаме запишано истиот назив: **прăскáч** 'вид шатка' [ПК,2(90)].

прăслúка* pf 'кога нешто повторно се фотографира, односно копира' ~ *и ки-кáжум, óти читúристóтини гудúни пустóт русалúјте. Дýри пéјсе и пăрва гудúна тúа óра, пéсни, русă-лúјци, ги-јскăрáме уф-нóти. Сăдум-дéсет и пăрва гудúна ги-нусúме уф-Загреп, сă прăсликáа и русалúцките, мăкидóнци óра сă-чинúа уф-дукумéнт, уф-нóти* [ПК,2(Крец–305)].

прăслýша* pf 'прифати нечие барање, послуша' ~ *едúн мăш и жéна нимáле дéца. "Бóже, бóже вил'áле, врáк чéдо да úмум, чéдо да вúдум". Гóспут и прăслушáл и рéкăл: "Дúл'ки сáкте...". Му дáл* [ИГ,109].

прăслýшăве impf 'прислушува, настојува да чуе нешто' [ИГ,127].

прăсна мúса f 'бокал' ~ *уф-н'áа сă-клáве вúно. Глигóсна-j и уд-вóнка и фнăтре, пóвичко úма кăфéни буú. Свéте, га-нóсаа за суúш адно врéме нă-свáдби* [ПК2(90)].

прăсна пăнúца f 'сад од земја (специјален вид глина)' [ПД(120)]; од Кукушко: *и óна-j ут-прăс, уф-н'áа си-рýчахме, óна нé-j глигóсна* [ПК,-2(90)].

прăсна тáва f 'поголем сад во кој се става јадење да се пече, не е длабок' ~ *óна-j глигóсна уд-нăтре, н'áа гă-вúкат и ґувéч, от сă-прáве уф-н'аа ґувéч* [ПК,2(90)].

прăсне* pf 'почна силно да трча' ~ *прăснá дa бéга* [ПК,2(166)]; ~ *Стójко си сáбл'а извáди,[на-пáша глáва-j óтсече,[прăснáли сватóве да-бéгат,[през дéвет сéла десéто,[стáра планúна стигнáли* [ПК,2(236)].

прăснува impf (и: **спрăснува**), в. **прăсне** ~ *спрăснува кóн'ут* (= коњот почна силно да трча) [MS,s,90].

прăспúи pf 1. 'ја помине ноќта во сон, некаде (и некако)' ~ *имáло нéко врéме трýјца брáте. И-тúй трăгнáли дă-бăркăт кăсмéт, рăбóта. Пăтувáли шо-пăтувáли, ги-стимнúло ду-нéко вудăнúца. И-ричéли: тýк ки-прăспú-ме ва-вéчăр, пóсле ки-прăдăлжиме пó-нăтăм* [ПД,167]; ~ *óни вúкăт: "Мумчé, мумчé", нé рăзбúрме, нá знájме шó-j мумчé, нúа: "дéте, дéте". И нúа пу-нúх и сă-качýјме пу-сéлто тăкá. Óда пу-óсăм*

ду́ши тугáј бăлгарските вујни́ци, не́ о́да: пу чăтвăрýјца, пу-о́сăм сă-стрóја:... И та́а ве́чăр рăспуридúа пу-кăштте, прăспáи вујската [ПК,2(217)]; ~ *дујдé чи́к-ми, и кăжá: "Ајде бе́гат си́те, ки-бе́гме га́ре". И удде́ се́лто, пригна́ ади́н sигвáр, а́дна ко́ла прăгна́а. И ни́ă пу-чи́ко, и́мăхме пе́-чес гла́ви гувéда и две́-три́ ко́зи, и зăбра́ме и ка́рăме. Пра́во на-Штéмница о́дме, то́-ј нă-го́ре. Удде́ме та́а пла́нинта, прăспа́ме но́кта* [ПК,2(218)]. Давајќи илустрација за односнава лексема ќе го претстаниме искажувањето на Магда Петрова, род. 1905 г. во с. Крецово, Кукушко за тоа како го доживеала измачувањето и прогонството на кукушаните за време на Втората балканска војна 1913 г.: ~ *пáмтум от би́ме нă ни́вăта. Дăржáх нă-чи́ко дéтто. Мóјте: мáјка, чи́на, жнијаа, жéтва. Питро́вдин би́ше... тáтко-ми би́ше па-зă-ангăрúа дă-нóсе, сă-дúгал аскéрут, к-утстăпăт. Чувéцте сă-збрáа, а на нáс ни-кóлта ни дóма, уд-цкăл излизéа. Чи́ко шéјве бéре, нéмме кáк дă-тăргниме. Нéкуј уд-ни́вта бигáа, сăрпуфто фăрлúа, ка си-бúа: гóли рăци, тăкá иште, бигáа. Нă бéли гáшти, ка жнијáли. Кáк жнáли, тăкá бигáли. Ду-Кýкуш, сéтне ут-тáм нéкуј шо и́мат рудни́ни си-зéе пу-нéшто.* **Прăспáме** *уф-Гăрбашéл' нă-мéрта, зимáме едúн-двá чúфта вăлóве, шо́ знáјме ду-дéк ке-ј, ду-дéк нé,... Уд Гăрбашéл' удúме уф-Кýкуш. Прáво вăрвéме низ Кýкуш, нé устăнáме. Аскéро пучнá да úде. Вујни́цте пучнáа дă-дáват бискувú-ти, от имáли дéчка дóма. Жáлно би́ше. Сéтне ич нé зăстăнáме, ни́где. Сè вăрвéме. Ут-Кýкуш сéтне ка испăднáме, ка фăтúа пăто зă-Бугáрја пукрăј Струма, пукрăј Струма, ду-Самукóф стигнáме. Нă-мóсто, е тó мéсто јáс гу-зăбрăви́х* (се мисли на мостот на Струма, преку кој поминале "бижанците"). *Чаúр би́ше, мáјка-ми би́лг тáм сă-рăзбулé. Удúх, сакáх чóрба уд-вујни́-цте. Дéк спрé вујнáта, спрéме и ни́а. С-умурúа и дубúцте, с-умурúа и чувéцте. Испупăпцáа, кóлко дýши измрéе пу-пăто, е-е. И мáјките си-ј устáваа дéцта пу-пăто. Видéх, ја уд-Кумăрлúа, та-ј уф-Сóфја, сјáа не́-ј жéнна, другáрка ми би́ше, зáдно учúме, гă-устăвúла мáјка-ј, нă-мóж дă-а-нóсе вúке гáаре. Арно ама уд-Кумăрлúа а-нóќе кумшúкпа, рéкла: тóо килúмче-ј нă-бáпта Рýша и мóмта нéјна-ј. Гă-зéла. И такá ка сă-стигнăли и гă-дáде мóмичката, зáдно учúме би́ле... Ут–Сăмукóф нé удúме уф-дрýго сéло, прáво тýк сă-вăрнáме óти тáтко чýл, чујáл сă-тýк нáши крицувáне, си дујдéме уф-Сикúрник. И јáј-го, шó вúкат ут-тринáјста, емéн, блúзу, нă-кăде сидумдисé гудúни ка сме тýка. Шéјс дéвит гудúни ка сме тýк, чéдо. Ми, нóго мăка истигл'áме, нóго. Прéного* [ПК,2(Крец–296)]; **2.** – **(сă)** 'кога на човека ќе му се присака да спие' ~ *пăрво стрăжăрчáл нáј-гулéмјо брáт. Двá нóжа уф-рăците дăрже, а-па ин-кăжáл óти ус-двé глáви-ј та-лáмјăта. И-кóга вéч зă-нéгувуто врéме, дудéка му-сă-прăспáло, недујдéла лáмјăта, óн гу-рăзбýде срéднио брáт* ПД,167].

прăс-пăт adv 'прекутрупа' ~ *уд-нáшто сéло ду-грáдо прăс-пăт ójме, пóблúско нé-ј* [ПК,2(90)].

прăста́мница f 'мрежа за фаќање риби во Дојранското Езеро, со средна големина, ја влечат 6 души' [ПД(128].

прăстéгнин adj 'убаво, прибрано облечен', opp. на **рăспáшин** (= *нéкуј нé ул'ýдин, нé прăстéгнин, лúгаф*) [ПК,-2(191)].

прăстúге impf 'доаѓа на некое место', в. **пристигна 1.** ~ *óдат тáм. Одáве пúсмуто нă-жéн-му. Гу-избрúчăт, гу-урéдăт, и свáдба пучнáли. Вójнта мýзика а-викнáли тáм свúре, англúската. Уф-нидéл'та и óн прăстúге, и тóо тăргóфцо. Ká-с-свалúл, óде тáм уф-нéгво, дă-кáжме двóр, ká глéде шо свúрки, că-чýде: шó-ј тáа рăбóта!* [ПК,2(Ним–272)].

прăстúгнуве impf 'достигнува'~ *и, стăнáли căбáјле дă и тúй пу-нúх, că-рăзбудúли, глéат ги нéма дéцта и тăргнáли пу-пăто. И дé дă--ј прăфтáсăт ... И, á-бре, ý-бре, зимáли мигдáн, удúли бајá врéме, áма пá-ј прăстúгнуве, пá пу-нúх* [ПК,2(Мор–228)].

прăстúн m 'краен дел од рака или нога', в. **прăс** ~ *умрé и зингúнут, и гу купáа. И си а зé óчити уф пéкул, да флизé уф тéмно на мăка, а гледá на Авраáм ут далéко, и на Лáзар уф пазýвата нéгова. И óн му викнá, да ричé: Тáтко Авраáм, прóсти ми, и пýшти на Лáзар, да си натóпи на крáнинто прăстúн уф вóдата, да дójди да ми си разлáди изúкот* [MV(K),274]; суфиксот **-ин** е прилично фреквентен во говорот на с. Кулакија, сп. **гóлин** наместо 'гол', **мăртфúн** наместо 'мартоф' ~ *нúто ут мăртфúн нéкој да стáни, не ки му слýшат* [MV(K),274].

прăстúнче n, dem., в. **прăстăн** ~ *ка си утишал на вечарта, го утвурил, а нашал момата. Измúкарката му, ка и гу видела прăстенут, рекла: "Што убаво прăстинче!"* [V,PM,-270].

прăстăн m 1. 'симболичен предмет во форма на круг (од злато или сребро), кога се склучува брак младоженците си ги разменуваат меѓу себе, но ги носат и како украс' [ПД-(Фур)], ~ *а тиа ушници и прăстено, и имам ошти един чифт билиц'уга, га имам от татка ми ошти* [V,P-M,69]; и: **прăстин** ~ *и путúр'у и гу спúва, гу устáв'ă прáзин; изваж'да и прăстин'у ут н'éјн'у прăс, си гу клáва на н'éгуву прăс* [MS,t,21]; ~ *му вилú: "с'ăј сарáта, ш'ó за стóриш'?" "за и éзма, вилú, идúн прăстин!" "căс тýс му ни апудúксуваш'", вилú* [MSt,71]; односно **пăрстăн**; **2. прăстин** 'дел од церемонијата кога се склучува веридба' (се разменуваат подароци – симболи) ~ *"дилму тóлкус м'ă милóва мумáта, н'éка стáни рáбутáта и у нид'ăл'а за дад'éми гул'ăм прăстин"; ... му вилú мумáта ... : "знáш' какфó прăстин да нагутфúш'? на тáтку за úма тóп цóха, на мáјка за úма тóп купринин, на м'éн'ă за úма пидис'éт пиндóлари"* [MS,t,28]; ~ *că такмóват, пýш'тат прăстин и на питнајсит'ăх брáк за стóрат* [MS,t,15]; ~ *нóс д'éн' на прăстин'у цáр'у ги густú* [MS,t,29]; **3.** изр.: **нéк ми-вăрнат пăрстăно** (стројниците) (= се кажува за нешто што не е толку важно) ~ *кáк дă нé, ки-că-спрéмум, сăнки стрójниците ки-ми вăрнат пăрстăно* [ПК,2(181)].

прăстăпýве impf **'загазнува преку нешто'**; fig. изр.: **сј-о прăстăпýве изúко** (= има говорна мана; в. **изик**) [ПК,2(195)].

прăстăпýл'ка f 'вид пита' ~*тá-ј пугáча наутлúа, ýбуво ишáрăна усбунéла, пусóл'на ус-шикéр, намáжна ус-шăрлáн, дă лăске. Că-прáве ká заóдуве дéтинцто, нójсто муј-вăрsýват ус-цăрвéн кóниц, гу-*

тува́руват са́чки, се́тне ус-бăлти́а гу-се́чат ко́нцо, а нă-гла́фта м-о-кăршат пугáчта. Се́тне пăрчи́на пугáча но́сат нис-кумши́јте. То́о адéт гу-пра́ват не́кој и сјáа, да не́ па́ѓе дéтто, дă-си-тăрчке по́ле́сно [ПК,2(90)].

прăсу́шуве impf 1. 'кога ќе пресекне некоја вода, пр. извор, односно река' ~ *Га́лик мина́више прăзна́што по́ле, о́јше Але́ксуво; о́н би́ше гра́ница. Прăсу́шуве ле́тно вре́ме, не́ма во́да, са́мо зи́мно вре́ме и́ма во́да. Ло́ша ре́ка би́ше, пра́више ште́ти* [ПК,2(Мор–216)] – во контекстот е регистриран уште еден случај на беспредлошки додаток за место, што се третира за влијание од балканската јазична алијанса: **о́јше** Але́ксуво (м. 'за Алексуво); **2.** 'кога ќе пресекне млекото од крава, односно од овца' ~ *кра́вăта прăсу́шуве* (кога престанува да дава млеко) [ПД,157].

прăса́не* pf, в. **прăсу́шуве** ~ *прăсăна́ кра́вăта* (= кога ќе почне да дава малку млеко) [ПД,157].

прăт (и: **пăрт, прăнт**) m 'стап, прачка' – на прашањето колку души има во семејството попот (на Тановиќ) му одговорил: *"Не знам, 15 ли 17 ли, који знаје! Трабуве да земум еден прăт, да флезум уф куќи, па да и истерум сите на вонка, а ти да застаниш на врата па да броиш!"* [ТГ,280]; ~ *лафат бугарцки амă су вијă мени: месту пустолицкуту* **-ăр** (има) **-рă** пр. **прăт** м. **пăрт [МЕ(Р),81]**; ~ мрежата (за ловење на рибата **сом** во Дојранското Езеро) е закачена на тркалезни *пăртуве* во вид на инка, од последниот круг (се вика **гăзни́к) сомот** не може да се врати' [ПД(128]; ~ *о́грăда пле́тăна ут пăрте* [ПД(120)]; ~ *плитини́ца не ви́ке – туку пле́т. Ус пăрте* [ИГ,120]; ~ *се́ди ма́дро, зе́р а́к зе́мум а́јн пăрт дă-т нăши́рум га́зо ќи-м-запо́мниш* **[ПК,2(95)]**; во с. Зарово е регистрирана форма со зачуван назализам: ~ *прăнтиту исăхјнаха* [ПсС(З),67]; кај Малецки **прăнт** [MS,s,90]; в. **прăнч'ка**.

прăт (<'пред') prаер 'на предната страна' ~ *и́ма не́кој пра́ве ло́шо зăт чуве́к, а прăт не́го сă-пра́ве а́рин* [ПК,2-(197)]; ~ *ми́у но́јзте на чурбăџи́ата испа́ѓе прăт ца́рут. Му пра́ве а̣дна́ тимина́ и му ка́жу́ве: "Ца́ро, ре́кăл, да ти ка́жум зашо́ сă нас̣мија́ та́а ри́ăбта на ца́ри́ца"* [ИГ,111].

прăте́пе* pf 'изнатепа силно некого' ~ *то сă-излăжа́л па́, кăчи́л-се нă-мăга́рто и о́де уф-сре́т-се́лто, а мăга́рто рикну́ве. Ка́ пугле́днуват сел'а́нто: нă-мăга́рто вăлк. "Бре́ј, вăлк, гл'ăда́јте, вăлк, дăржа́јте". Удрăт ус-ста́п, ус-ка́мăне, у́дрăт, гу-прăте́пăт. Избига́л па́* [ПК,2(Мор–216)].

прăте́пин* adj 'се кажува за некој што доживеал силно физичко насилство' ~ *сă-вле́че кут прăте́пна зми́а* [ПК,2(196)].

прăте́че pf 'се појави течност од некаде' ~ *си́те другáре скина̣ја,[и-а́с сă-сегна́х да-ски́нам,[ло́за нăго́ре ма́ле се ди́гна,[л'у́то се ма́мо нал'у́тих,] изва́дих но́ш уд-нужни́ца,[удре́жах, ма́мо, ло́за ут-ко́рăн,[уд-ко́рăн кăрви прăте́че* [ПК,2(Крец-315)].

прăто́не* pf 'кога мала количина течност, во вид на капки помине преку некоја преграда' ~ *така́ иште́ ка спа́ле, ка пла̣ка́ле и дву́ју̣та, то́а дéтто ка пла̣ка́л, са́лзите ут о́чте прăку пе́рницта ду душе́гут прăтуни́ле* [ИГ,112].

прăто́нуве impf, в. **прăто́не** [ИГ,128].

прăтре́се* pf 'кога некој ќе изврши детална проверка кој што има кај себе' ~ *ка́ бига́ме а́с би́х идина́јсе-*

дванáјсе гудúни. Сѐ пáмнум. Нéли кумитéт бúше áдно врéме у-нáс. Е, кá пучнáа дă-сă-спрéмат вујнúте: Бугáрто и Сăрбăто, Гăрците дă-сă-бúт сăс Тýрците и Тýрците зимáа сýмна. Фатúа да-тéрат пýшки уф-наródo дă-нéма, дă-нé-ј ýдрăт уф-грăп. Сúте сéла и прăтрисéа, шó фатúа чувек – зăтвурúа [ПК,2(Мор–217)].

прăту́рин adj 1. 'кога нешто не е подредено како што треба' ~ *сúте шéјве бúа прăту́рни* (биле во безредие); 2. 'тој што имаа брух, што е искилавен' ~ *тóо пáх, глéј го кáк óде, чúниш прăту́рин* [ПК,2(90)].

прăту́руве impf 1.'префрла нешто од еден сад во друг' ~ *мáтницта удбýтимо прăтурéјте-ја уф-вéдăрто;* 2.'преполнува некаков сад' ~ *сă-прăтурú лáткăта;* 3. – **(си)** 'си додава, измислува' ~ *тáа гулéмта снáа нóго си-прату́руве, дă прáве кáвги сáке, ќи-ј-скáре брáтто, а тóлку áрно живýваа* [ПК,2(90)].

прăфке impf 'кива' ~ *кá прăфке чувéк трибýве да-си-клáде рăк- та нă-ýстта; óш аднóч кá прăфкиш тýрси рăкта на-ýстта* [ПК,2(90)].

прăфне pf 1. 'летна' ~ *прăфнá нааднóч врăпчáно;* 2. fig. 'порасна дете́то' ~ *на-аднóч прăфнá тóо вáшто дéте* [ПК,2(90)].

прăфтáсăве impf 'достигнува' ~ *и кинисáл'е да бéгăт. Фăтúла да-ј прăфтáсăве тáа, мóмта шо јáде. Фăрл'úла стóмнăта – сă чинúла вóда – нă мужáла да-ј фтáсе* [ИГ,109]

прăфăрле* pf 1. 'крене, измести нешто' ~ *ќи зúмăт еднá бéла рúза, тóѓи ќи-ј прéгнăт, хýмут; уф еднá чáша вúно, ќа а нăпăлнăт, ќи пýштăт пáри уф нăтре. Ут вúнцто ќи дáде прăвно на мóмчто, нáпкум на нивéстта. Нáпкум ќи гу прăфăрл'ăт вúнто прăку нивéстта и прăку мóмчто* [ИГ,117]; ~ *една едра тупола имише тамо, фати а искурна, си а прăфарли на рамуто му, са пушти на аскерут* [ДК,296]; и: **прафрле** – народот верува дека кога паѓа град Господ сака да ги казни луѓето. За да се заштитат пукаат со пушки. Освен тоа го исмеваат попот сос следниве зборови: *"Мулеќи за дож, си а прафрлил,...* (зборот молитва не го кажуваат)... *па на место дож град!"* [ТГ,432]; и: **прифăрли*** ~ *му-дáшле кóлку сáка дă-сă-нăпúе бинúца и идну-гулéмо гăрне зă-дóма. Ама пăту бúл плăнúнцки и дилéку и пустáнăл. И нáшăл нă-пăту идну-стáп. Гу-зéл стáпу и гу-нáврăл нă-рăчкăта и гу-прифăрл'ăл прику рáмо* [ДК,152]; ~ *лéгнаха башкá, тój турú сáбјата у средјá. Тјáнака прис вечерóт прифăрлú рăка нá врăх нéгу, сá посјáчи мáлко рăката, гá трăгнá и му не кáза на нéгу. Тój сиромáх знáиши, чá нé му бéши жéна, не сáкаши злó да чúни нá нéја* [V,PM,145]; 2. **и: префăрле** 'премине преку некоја, условно речено, пречка' ~ *от ка префăрлил вагичката, на мужел вике да оде пу него. Други пăт си пофалил царут душегут (постил'ак). Братјата пофалиле А латувут инди, бил поарин* [V,PM,272]; ~ *един цар отишал да лове зајци. Испаднал еден зајц, пуштил ăрттo (тазијте) да гу тăрчкат; ăрттo тăрчкаки го префарлиле ридут* [V,PM,52]; ~ *чул Алате, са пуштил по него. Ка префарлил ваѓата, фатил да вике: "Е! Алате, жал, жал! Не ти давум паунут". Па Алате бил прекăлнан от Бога да на може да помине вагичката"* [V,PM,272]; ~

та: мóмăта рéкла: "Брáто, зéмити брúчо, áс ќи-зéм, рéкла, грéбино, ќи-бéгиме нúă". Димéк чујáли мóмата и дéтто óти тăкá гувóрăт мájка-j и тáтку-j. "Мájка и тáтко лáгат да-нă-зăкóл'ат, нúă ќи-бéгме". Кá удúли, удúли, áдна гóра прăфăрлúли [ПК,2(Пл–258)]; ~ *усăмнáло сăбájл'та, ќи-сă-спрéме ќ-óде нă-лóф. Оде нă-гóре. Излéве адúн зájц, офáште зájцо о-дáве нă-цáро. Ошадúн пák дáве нă-тóо цáрско: сúн. Нă-трéтјоо зájц фăтúл амsалúцкуто цăдé нă-гóр. Прăфăрлúл аднá тýмба зăгáро сă-чинýве дéте* [ПК-,2(Ним–269)]; **3.** – (са) 'се пресели од едно на друго место' ~ *и нáпкум, нá-прóлитта, кăжáа ќ-óрме, óти уф-Мóкрăне сáмо óсам кăшти úмие устáнни ут-тúа нúнте... И сидéме тáм двăнájс гудúни гóр-дóлу. Утринájса ду двájс пéт. Кá дујдéме нă-двájс читвăрта, нă-двájс-пéта сăпрăфăрлúме тýк, уф-Бурúсуво* [ПК,2(Мор–222)]; **4.** 'навлезе во нова возрасна фаза' – кога човек ќе ја **профрли** педесеттата година, тогаш се кажува дека веќе е дедо, или стар **чувек**; ако е богат и ако има големо семејство, за неговиот живот се вика дека е **бегув**, т.е. дека живее како бег [ТГ,273].

прăфăрл'уве impf **1.** 'покрива' ~ *прăфăрли áјн чăршáф на-крéвито, ќидóот гóсте*; **2.** 'претерува, поминува преку она што е норма' ~ *мипрăфăрлú гáаре, ќ-о-ýдрум* [ПК,2-(90]; **3.** 'преминува од едно место на живеење во друго', в. **прăфăрле 3.** ~ *сă-прăфăрлú уф-нáска да-сéде гáаре* [ПК(Гăр)].

прăцирăстуве impf 'прави да биде нешто стабилно, односно спојува едно со друго' ~ *(тоо) шо гу прăцирăстуве тéглуто* (= дрвото што го спојува ралото и јаремот) *нă буjднрýго* (= јаремот), *гу-фáште* – објаснување за називот **кăúш** (= привој) [ПД,121].

прăцéде* pf 'за да биде млекото чисто се става во **цидúлка** (вид тканина што има ситни дупчиња низ кои поминува млекото и така се чисти) ~ *цвúка сă-вúке тáа шó сă-цéде ут-сúрăнто. Тáа гă-пудвáрăт, пóдвара сă-вúке. Цвúкта ќа:-тýриш уф-бăкăро, ќа:-пудвáриш, ќа:-прăцéдиш. Сéтне пóдварта ќа:-искáриш, и н'а: ќа:-прáцејш и óна уф-цидúлка ќа:-тýриш, сă-чúне тáм. Цвúкăта сéтне гăjре ќа:-иýтниш, шó ќи-j-прáвиш, вóда стăнýве* [ПК,2(Пл–256)] – наместо долгата форма за директен објект 'неа' се јавува номинативната **ова: и óна уф-цидúлка ќа:-тýриш;** ~ *ќи-j измóлsат óфците,ќи-прăцéдăт млéкто. Ак сáкиш д-о: путсúриш ќ-о: путсúриш, áк нé ќо:-устáвиш з-ýтре. Кá гу-путсúрувиш нáднóч ќи-му-тýриш мăjáта* (= сириште). *Кá ќи-мутýриш мăjáта óно ќи-сă-фáте* [ПК,-2(Пл–255)] – во контекстот прави впечаток развојот на вокалното **л** во 'ол' **(измóлsат),** што претставува исклучок, наспрема регуларната замена 'ăл'. Бидејќи долновардарските говори не допираат со говори што го познаваат односниов резултат, останува да се претпостави внатрешен развој, односно лабијализација, под влијание на соседното билабијално **м**.

прăцéне* pf 'даде оценка, заклучи' ~ *нă кумшúита Ил'о ќуптéн éфтино, нúско му го (мо:) прăцинúле титýно* [ПК(Гăр)].

прăчéке* pf **1.** 'излезе во пресрет на оној што доаѓа' (да го поздрави и сл.), односно прими, дочека гости дома (пр. кога е празник)' ~ *мă зăстăнáа нă врáтта уф мóмчто, испáднá свéкурут и свăкăрвăта, ми дăдéа едúн лéп прăд мéне, мă прăчикáа сус лéп, му сă зăклăjнáх*

трú пăта, им бăкнáх пишúн на нúх рăка [ИГ,117]; ~ *тáа úма чтúрсăт дýши брáтја, сè на пýшка сă. Ќ-óјш тáмка, ќи тă прăчéкăт... ќи-испáдне óна, ќи-т дáде слáтко (дúско), кавé ќ-ти дáде, – уф óчте нéма да а пулéдниш* [ИГ,112]; ~ *увчарут радостин првнијут Св. Јован си гу прачекуве куту ка треба и си бил ного радостин, оти и он са збрка уф свет. Ама уд неколко дена, пуминуве попут крај него и му вели: "Знаиш, утре е Св. Јован!" – "Ими некни бише Св. Јован, мер утре па!?" Нејсе и тоа ден си гу прачикал* [ТГ,26]; ~ *уф нидéл'та сăбăлинта ќи дóат сфáтăве. Нивéстта ќи-ј прăчéке нă врáтта, ќи-гу пулéдне мóмчто низ прăстăнут, ќи-ј прăсéе сфáтăвто сус ичумéн, шикéр и бубăкéрно сéме* [ИГ,117]; ~ *пáмнум и дрýго, сé уф-нáс чéтта анусувáа. Ká ќи-дójдат, тáтко сиублéче: двé чúфта обéла, кужýф, бăлтóн. Нă-друмут ќ-óот дă-ј-прăчéке, зă дă дójдат уф-нáс. Чúко пă ќи-бráне кучúнта дă-нé-лáат. Дур дă-ј-прăчéке и сéлто ќи-сă-бăстúсе* [ПК,2(Кр–294)]; и: **причека*** ~ *мутикнáло дă-óде у-плăнúнăта дéка тăрлăта дă-пусáка уд-уфчáрите дáму-дáдăт мáлку бинúца зă-дă-сăнăпúе. Уфчáрте гу-причикáле, мудáшле колку сáка дă-сă-нăпúе бинúца и нă крáју му-дáшле идну-гулéмо гăрне зă-дóма* [ДК,152]; ~ *ка се јава от Араплијте Ѓуро, ети тăрчаха солунските граѓани да го причекат* [МС(В),98]; ~ *ká утúшле уф прáсите, си тăрчáло сăто бил'ýк уф мóрито... Па прафчáрити си бигáле и утúјшле уф грáдут. Ету и сăта грáда испаднáли да гу причéкат* [MV(K),265]; ~ *субráле пăк прийтéл'цки идну-тувáр дăрва, гу-тувáрвăт мăгáрто и си-грéде дóма дéтто. – "А бре, сúнко, мájкă-му гу причéка, а бре, сúнко, шó стóри ти тóлку дéна? Јáс éт тă-прижáл'а"* [ДК,-149]; **2.** 'дочека нешто в раце' ~ *пусле́днуто брáт кăту-шо-гу срел'ál: уд-кóлку висúна дă-пáдне чувéк јáс ќи-гу-причéкăм уд-дилéко, шо дă-не-са-убúе"* [БМ(В),195]; ~*Ајде, цáрут ќи-а-рéше вá рăбóта. Оат нă цáрут су-ќéрка-му. Радóсин цáрут е, шо напрáвúте? – сéга дă-вúјмă нă-кóгo припáјќа. И пупитá сăте кój шо рăбутú. "Е, мóмта сипájќăше, не? Аку не-а-причéкăше вó мáлцут нéли ќи са-утéпише?" – "Ќи-са-утéпише"; тóгăј нă-нéгу припáќа* [БМ(В),196]; **3.** 'доживее, дочека некој настан' (сп. ги зборовите на кумот кога благословува на крштевката на детето) ~ *Госпут да му даде касмет и здраве. Да е живо, да е здраво, и Госпуд да даде винчинија да прачеке и он така да се пунаше!* [ТГ,115] (в. кај заглавниот збор **пунаше се**); **4.** 'сретне, односно дочека некаде некого' ~ *кóга сăвăрúнах мă-прăчикáа нă-пăтут и мă убráа* [ПК(Гăр)]; ~ *дујдéме, дујдéме нă-кájничето, áма нé нă-пуштýвăт уф-сéлто дă-óдме, уф-Тудóрăво, áјде гóре уф-плáнинта. "Тýка (ричé) ќи-прĭнăќýвате, ýтре тáм нă-тúă кáмăне ќи-сă-свáлите и-нúă ќи-излéзăме, ќи-вă-прăчéкăме"* [ПД,173]; ~ *кога една вечар, пред слăнце заоѓајне еден чувек пу друмут трче ли трче. Арамијата ка гу виде оти са варке, му скина една лубаница и испадна да гу прачеке, да му ја даде. Али тоа што трчише не саке да застане, да ја земе. Воа му вели: "Стој, бре, на ти една лубаница, и речи: Бог да прости"* [ТГ,147] – во текстот имаме школски пример за употреба на адверсативниот сврзник **али**: **испадна да гу прачеке, да му ја даде. Али**

тоа што трчише не саке да застане; 5. 'ја спречи болеста да се шири' ~ *Кăту чúр е. Кăзăлшúш, то: е лóшо нéшто. Ако нă-мójш до:-прăвáриш сăто тéло ќи-т-јо-фáте и гутóфси. Тýк ми-излизé, фăтúх ác гă-стигнáх ýбуво и ká стујá и ká стујá, и сăбáјлинта зé нă-тăкá, нă-тăкá дă-гúне. Гинá, гинá, ká видéх ác óти гу-прăчикáх дă-сă-шúре...* [ПК-,2(239)]; 6. изр.: **други торник да не та прачека!; Св. Никола да не гу прачекиш** – клетви запишани во Гевгелиско [ТГ,8]; од истиот регион: **ниделʹа да не прачекум, ако сум рекла** [ТГ,308]; сп. пожелувања (исто од Гевгелиско): штом ќе седнат сите, домаќинот ќе се прекрсти, ќе **благуслове,** ако работат се кажува: **"А јарлија работа! Сус здраве да са прачеке вршење!"** (ако жнеат), **"сус здраве да гу прачекме воја леб!"**; ако окопуваат пченка: **"Госпуд да даде здраве и време, сус леко да и суберме...!"**; ако копаат лозје: **"Госпуд да даде век и здраве, сус мирак груздубер да прачекме, пикмез да варме, вино да правме...!"** [ТГ,19]

прăчекăве impf 1.'дочекува гости за празник' ~ *тоа прастанал на ваја работа, дунесуве една овца и дубијве име Јован. Увчарут радостин првнијут Св. Јован си гу прачекуве куту ка треба* [ТГ,26]; 2. 'среќава некого на пат' ~ *на ýтрăта дéн сăбáалинта, пá сă фáшќăт, сă бóрăт ду вéчăрта. Пá нă мужéл дă нăдвúе ни́ тóа, ни́ тóа. Кă си óдăт вóа нăнáк'и, тóа нăвáк'и, вóа дéтто гу прăчéкăве ăдна бáба* [ИГ,113]; ~ *"Дéк, кăжáли, ќ-ójме дă-сă-пúтуме?" – "Aj ќ-ójме нă-пóпо, ón ги-знá: зăкóнто". Уддéли нă-пóпо. Дóброама ѓáвуло сă-чинáл пóп и-гипрăчéкуве нă-пăто. Нă-истúнско: пóп нé óдат, не-ј-пуштýве* [ПД,165]; в. **причикува**.

прăчичка f, dem.'мала прачка' ~ *дјáволот га отворú. Имаши нетри áф кутúата еднá прăчичка, га зема дјáволат прăчичката áф ракáта му и му вéли на човéко: "é, што сáкаш сегá да ти дадé кутúата?"* [V,PM,148].

прăчýːве (сă) impf 'се присторува, се прислушува нешто' ~ *лисúцта ричéла: "нáшјо: сăјбúа úма нéка: гулéма бил'áˮ. "Aj марú, спúј тú", кăжáла мéчкăта. И вăлко тăкá: "Спúј, тăкá т-сă-прăчýːве нă-тéбеˮ. Пá ги вúке тóо. Чýла мéчката, тáп синúй-ро, пýшта се пупăто* [ПК,2(Мор–229)]; в. **причýј (сă)**.

прăшéте* pf ' 'се движи без работа, разгледа, намине' ~ *áс бúх уф-Кýкушко, дóле, ус-автумбúл, гипрăштáх сúте сéла, сúте, ду-кýче, ду-мéтро... пăрво утúах уф-Дрăгумúрци. У-Дрăгумúрци гу-нăјдéх Динúш Гáл'уф. Он-éј нáш чувéк. Уф-Дрăгумúрци úма óсум кăшти нáши – Măкидóнци, дрýјсте сă-Гăрци* [ПК,2(Креп–306)]; ~ *вéчăрта една гăрчка пăтрóла пумúна. Сăбáјл'то нéма нúшто, бăлгăрските вујнúци флизéа уф-Мóкрăне с-нóжуфто нăпýшките, тérат пу-кăштте дă-нéма Гăр-ци устáнни уф-сéлто. Прăшитáа кăштте, испăднáа сéлто нă-вóнка* [ПК,2(222)] – случај на употреба на беспредлошки додаток за место: **испăднáа сéлто нă-вóнка** (м. '... от сéлто нă-вóнка'); и: **прешета*** ~ *малој моме јубава,[дур јубава, сенлива![– сата каза прешитах,[твоје лико не најдех,[дур јутидох в Цариград,[тамо ти најдох лико* [ТГ,52].

прăшетуве impf, в. **прăшете** ~ *уф-Нимáнци тáм г-утипáли Тýрцте нă-Милáн, нă-Гóце Дéлчув брáт-му... нéли кумúти, прăшéтуват тáм*

вéчăр, вéчăр шéтат, дéне шéтат, áма дă-нă-мóж дă-j-вúдат бéјсте. Кá удделл, ká чинвáл, нéкуј Тýрчин излéгăл. Он пă пýзăт-кáмино сăкријáл, Милáн. Тó пýсти Тýрчино, ká фăрлúл прáво г-удрúл уф-глáвата [ПК,2(256)];

прăшúрин pf 'кога нешто ќе зафати поголем простор' ~ *и сéтне утúшли дă-тéрăт цăрква прă-рúмскоː влăдúка. Он рéкăл: "Ќи-ви-дáм цăрква уф Сóлăн, áк бúјте кăтулúци". И тăká стăнá- ли кăтулúци... Кăтулúцвуто утːтóːј прăшúрно уф–Кýкушко* [ПК2(Крец-306)].

прăшúна f 'магла од ситни честици од нешто, во случајот ситен прав од еден вид печурка' ~ *тоː тăркáːто, а врăс тóо тýка прăс пумúна и мăизгурé. Чурáпо áс искáрум, глéдум мáлчко сă-дăрже нóхуто. Гу-вăрсáх кăпúно лúсто. Утːтáа кăпúнта лúсто нăјдéх пýфка, гу-вăрсáх. Сăјќе пишúн* (пуфката), *кăту гăба, нáпкум ќи-исăќне, излéве прăшúна, áма нóго нéшто-ј тăвá* (= многу е корисно), *кăфéно-ј* [ПК,2(240)].

прăштúла f, pl. 'врвките со кои се врзува (стега) престилката'; сп. обичај: ~ кога се пораѓа трудница бабата што доаѓа да помага прво ќе ја симне шамијата, ќе ги одврзе *прăштилата* од престилката (во говорот *ирам)* и потоа со марама три пати благо ќе ја удри по половината, зборувајќи: *"Свита Бугуројца на помуш да ни биде!"* [ТГ,105].

псáлт m 'тој што пее в црква заедно со свештеникот' ~ *му вúлː "за ти дáм óшːти парú да пóшː, да нáјдиш' идúн псáлт хýбав да тːа науч'ú да псáлăш"* [MS,t,26].

псáлтика pl 'книги (пр. за црковно пеење)' ~ *тогас скору беха излːали новите псалтика; детету, кату знаиши мăра от старите, сакаши да си научи и от новите* [V,PM,37].

псáла, и: щала* impf 1. 'кога свештено лице пее в црква' [MS,s,91]~ *тóј и вилú: "нːáј чːéркфа да пóшː сабáлин да фáтишː да псáлаш"* [MS,t,27]; ~ *му вилú: "за ти дáм óшːти парú да пóшː, да нáјдиш' идúн псáлт хýбав да тːа науч'ú да псáлăш"* [MS,t,26]; ~ *"ина-лéјка, му-вéле, си-зăбéсу нă-пáшкăта, сисóбра трó рúби". – "Е, литурúјте?" Му-вéле: "Нă-ину-пóп тáму, му-вéле, утúду му-пумóжи дăму-пцáлăм, му-вéле, ми дáди трó литурúј"* [ДК,118]; ~ *тогај за викнат и попот, за донесат и едно блːудо пшеница варена и една литургиа, за благослови попот, ки прекади на сичките тамо, велːајке: "Свјатиј Боже". После това псалит на празникот тропарии* [V,PM,251]; **2.** 'пее' (птица) ~ *прулːétна пúлːатуна гóрːа и фáти да псá- ла и тóј фáти да гу глːéда* [MSt,45].

псáлан'é* n 'пеење в црква' ~ *и ја пúта: "как тːа арéса псáлан'éту?"* [MS,t,27].

псалтúр m 'книга со псалми' (изводоци од Библијата) ~ *éм и вéли: Как вéлити вúа за Христóс, чúи сúн да бúди? Вéлːат на нéгу: Давúдуво. Вéли на нúх: Ими как Давúд му вúка на нéго у-дýхот Афéндо, шо му вéли уф псалтúрут* [MV(K),270].

псето n, zool. Canis familiaris 'домашно животно, што ја чува куќата и домашните животни' ~ *като си качиши на скалата, дур да влезе на кралːувата одаја, детето од три дана като беши хванал да мо дава каршилак на крал'а, да му отговарја преслатки збори, да мо вели на кралу, зашто не излези да го сретне, да го брани от псетите* [V,P-

М,244] – во текстот среќаваме 2 примера во кои еднослоѓни именки во множина се јавуваат со наставката **-и: преслатки збори** (м. 'зборови') и: **да го брани от псетите** (м. 'псетата'); – во северната регија (од Долновардарско) освен **псето** обичен е називот **куче**. Сепак првоспоменатиот збор **псето** често се употребува во клетви: **цета да те јадат; псето ниедно;** има и др. наслови за слично – навредливо обраќање [в. кај ТГ,129].

псешки adj **1.** 'нешто што се однесува на *псето*' – брадавиците (мали израстоци што може да се јават врз кожата на човек) ги има три вида: *обични, магарешки* и *псешки* коишто се множат една до друга и можат да ја зафатат целата рака. Според народната медицина брадавиците се лекуваат на тој начин што со игла ќе се протне конец во нив и за неколку дена ќе се исушат [ТГ,236]; **2.** изр. **псешка работа** – ако при ткаењето се јават проблеми, тогаш таа што ткае ќе каже: *псешка работа! Капа да ти падне, да не са врниш да си а земиш. Седни па прапејви!* [ТГ,364].

псо́вани n 'обраќање со безобразни зборови во кои се споменува и зборот *мајка*' [MS,s,91].

псувантѝна f 'проклетство', в. **псо́вани** [MS,s,92].

псуи* (и: **псуј**) impf 'кога некој се обраќа со безобразни зборови кон некого и при тоа ги споменува зборовите **мајка** односно ***сестра*** ~ *едно време имаши еден јунак, името му беши Грујо Шкиндерлиа. Тојнака беши млогу слаб на снагата, но имаши живо сърце. Едноч тихиса, еден човек му и псул мајката, и тој еден јумрук гу удри и му извади душата* [V,PM,76].

псуни́са* pf 'купи' ~ *т'á му вили́: "за ти дáм парú, за да пóш' на Еврóпа, за псуни́саш' имáни"* [MS,t,27].

псуни́сува* impf, в. **псуни́са** ~ *и утúват ут н'éгу псуни́суват и гу гл'éдат у ферш'ематúт'а* [MS,t,14]; ~ *ш'úч'кију инсáн с'é ут н'éс дугáн'а псуни́сувáха* [MS,t,28].

псуру́ч'ки pl.tt. 'парчиња од нешто во форма на тесто што се прилепуваат на ѕид' [MS,s,92] (колку што ми е познато така се лепат лепешките од крави или волови).

птúца f, zool., в. **пиле** ~ *и пишмáн стáнал и тъ́ргнал дạ-гọ-бáрạ. И, шетáјки гọ-нáшал дọ-дъ́рвọтọ мъ́ртаф. И тọгá рéкал óти: "Немилýвам дạ-живéам, нạ-Гóспọ, ќи ми-нạпráјш птúца, не-милýвам живóт вéчи. Кáде-е брáт ми, тáм и ác"* [ЛС(К),116].

птúчка* f, dem. од 'птица' ~ *Тáм си снисéл трú јáјца и си-л'упúл трú пилúшчичка. Лисúцта кă-нăучúла óти úма тáм пúлишча óде дă-му-исáка. И му-вúка: "Ќос Кусýле, вắртăм пáшка, сéчăм дăбúчка, пýшчи ми пúле". И вá птúчкăта му-пушчúла аднóчку* [ВБ(Кр),313-314].

пу (и: **по**) prаер **1.**'укажува на простор со кој господари некој (во случајот со земјата)' – наместо предлогот **на** ~ *на вáа саáт си радувáл Исус уф сắрцито, да ричé: На тéбе, Тáтко, сă испувјидýвам, Спопáн на нéбито и пу зéмн'ата* [MV(K),262]; **2.** 'пространство во чии граници се врши дејството', со значење: **на, низ, по,'** ~ *видé двé каúци шо стојáле уф блáтуту, па рибáрити испадна́ле уф каúцити, а мúиа грúпут. Па он а флéгạл уф идно́ каúк, шо бéши ут Сúмона, му пúта на нéгу да гу влéчи мáло нúшт'о пу сýхуту*

[MV(K)272] – во контекстот се забележуваат две посебности: прво употреба на предлогот **од** кога укажува на посвојност: **кайк, шо бе́ши ут Си́мона** (м. 'на Симона') – со ова и со други карактеристики јужните македонски говори се вклучуваат во оние што трпеле силно влијание од балканските (несловенски) јазици; второ: проширена употреба на предлогот **уф** (< 'во') наместо 'од' – **па риба́рити испадна́ле уф ка́йцити, а ми́ина гри́шут** (м. 'испаднале од каиците); ~ *гу пи́та ...: "гу ни дава на м'ен'а, да гу јахна да сă раш'е́там пу с'е́луту?"* [MS,t,20]; ~ *как б'ăгаш'и пу сука́ку, ви́д'а ина́ по́рта утво́рина* [MS,t,56]; ~ *"за ш'е́тати пу сука́циту, кату́ про́сјаџ'е́ту ут кӑш'та на кӑш'та!"* [MS,t,84]; ~ *до́шал Чове́шноу Си́н да приве́ри загубе́нито. Ка ве́лите ви́а? Аку му са чи́ни на не́кој да и́ма сто́ о́фци, и да си загини́ иде́н ут ни́х, не уста́ва деведе́јсет и де́вет, да ки киниса пу плани́нити, да па́ла загубе́нито?* [MV(K),262] – случај на нарушена конгруенција: **да си загини́ иде́н ут ни́х** (м. 'една' – од овците); ~ *"н'ăсă јас кăту́ ва́м будала́ да фа́там н'е́с, ш'у ход'ăт пу зим'а́та, јас фа́ш'там да л'а́тат на вит'ар6́т"* [MS,t,75]; ~ *djатето зема ушниците, пу лагăмот* (= подземен ходник) *пак излезе аф бабината кăшта. От тамунака отиде праве на куумциата на дјука́нот* [V,PM,68]; ~ *сă прим'ăн'а у на́с ру́ба кутý мисинч'и́ната ... и пак пу бахч'а́та на го́р'а на до́л, ја пра́ви хардаўи'* [MS,t,33]; ~ *и о-тама́у кату сос кри́ла и летнал по син'у небо, да беши изл'ал на едно широко поле* [V,PM,181]; ~ *"сега́ ми е стра́м ка́к да излезам пре́т господа́ро ми и прет човеците, и затова́ ходја по та́ја го́ра"* [V,PM-,21]; ~ *и еднош излезоха по гората сос жената му, на Бога се верно мол'аха, хем вел'аха: "милички Боже, на нам от сарце чендо да на да-деш, та нека е и змиа!"* – во контекстот имаме уште една потврда за тоа дека во овие говори остатоците од падежниот систем кај заменките недоволно функционираат: употреба на полната заменска форма за дативен предмет **нам** во комбинација со предлогот **на** (**на нам от сарце чендо да на дадеш** – во др. говори: 'нам', односно 'на нас'); ~ *сино́т му, што и би́л мло́гу ха́рин, милости́ф и пра́в човек, кладе́ тил'а́л да ви́ка по пазари́те: "на ко́гу и́ма та́тко му да да́ва пет па́ри, да до́јди сја́кој да си ги зе́ми!"* [V,PM,108]; ~ *кату га најдех, си облагнах та фатих по сичката кăшта да терам* [V,PM,40]; ~ *кату са вревиши таја болка, от реч на реч отиде, са причу дур на царјут. Тогас царјут турил тел'али да викат по секој село и по секој грат: кој да знаи таја болка, от дека испаднала, млого мижде има от царјут* [V,PM,-194]; **3.** 'кога укажува дека во одреден простор нешто постои' (често со значење '**во**') ~ *ма́ле́чко ку́че, ти́й пу гра́до ги и́ма, ти́й си́тните кучи́на* [ПД(125]; ~ *тај тре́ва зă би́шките, ни́ско ра́сте, пу-зе́мăта-ј то, жăлти ки́тки чки си́тни цăфте* [ПД(123)]; ~ *си застана́* (пишува 'растана' – евидентно печатна грешка) *про́стум, и ричé на ни́х: Ко́ј ут ва́с не́ма гре́х, то́а не́ка фăрли ка́мин на́при наврӑс не́а. Ка и слуша́ле ти́и, и пу сăрцито си зна́ја се́кој, фати́ле да бе́гат* [MV(K)-,316]; ~ *некој од них имăт и пу друзи села, ама малцă куки* [ME(P)-,86]; ~ *пу-јно́ вр'ăм'а Настради́н-*

хо̀ŋ'а и уч'е́л на фу́рната [MS,t,56]; ~ *и тугáс гу пу́ш'тами ви́нуту, гу напулнувáми пу бăнч'фит'а̀ и пу варе́литу* [MS,t,4]; **4.** 'укажува на управеност на движење, наместо **кај**' ~ *едно време имаши еден сиромах, којто пу сапунџиите носиши пепел и са храниши* [V,PM,47]; ~ *са чини́ хикимџи́а, оти́де по касаби́те, ше́тал, хем ви́каши: "хекимџи́а! – кóј сáка стáра бóлка да излеку́ва?"* [V,PM,28]; ~ *и си чини богатјувата керка л'аставичка и чини да летни. Царјув син просрја̀ рăка да га фати богатјувата керка за пашката, и остана опашката на негу, и л'аставичка летна по небету* [V,PM,73]; ~ *испáдни пу пăтишти и пу градúнити, и кóј ки нáјдиш кáни гу, да сă напăлни куќата ми... Оти нóгу л'у́ди канéти, да мáлци сă чúсти* [MV(K),278]; ~ *тојнака, как га зема грошовету, га тури аф пазвата му и трăгнал да иди по пубратимиту му* [V,PM,33]; ~ *идáл дóма кăжувáл: "Мé-ј мăка, викáл, зăшó дă-крáде пу-сирмăштúј. Нé-ј árна тá рăбóта. Кá ќо-зéме шéјо, кá ќо-уткрáде му-уждúрум пу-áјн шăмáр"* [ПД,169]; **5.** 'укажува на место каде нешто е ставено, со значење **на**' ~ *сандáлу стáнува ут п'ém', ут ш'éс прăнч'ки, усăхнува сандáлу закáцини пу ш'áјкит'а̀, пу стр'а̀áта* [MS,t,5]; 6. 'кога нешто некому е упатено' ~ *пéтте лéба на вéчăра úмин дéн; на зáстрăта ќи дóе пóпут да дúге пăнăг'úа. Кóј сáкше, закó-л'ăвше курбáн, кóј сáкше варéко гу дáваа пу кумшúј, пу рудни́ни* [ИГ, 118]; ~ *ќе-се-бéрат свáтове да-ќе-зéват што-ќе-зéват рабóти замóмата. Мóмчето ќе-и-кúпи тúја рабóти: черéпи ќе-кúпи, папúци, ќе-кúпи покривáло – по óчите му-го-тúрват на-невéстата, да-не-се-глéда невéстата* [ВЕв(Бар)]; ~ *úмăше трú партизáјне тáм, гу свалúја ут-кубúлта сăмáрут, гу скинáја ... извадúја трú пúштоли, ги клăдéја у-сăмáрут и трú книги и ми ричéја: вјáјни-а кубúлта сéга óди у Бúзуву. Ká-ќи-óдиш ду-Бúзуву один стáп пу-кубúлта да-и-замúниш Гăрцте* [БМ(Сар),204]; **7.** 'да укаже дека нешто се случува во омеѓен простор, со значење: меѓу' ~ *фáш'та да брќа пу партáлиту, фустáн'а трисé, там гл'éда, тука гл'éда* [MS,-t,11]; **8.**'укажува на управеност на движење, наместо **кај**' ~ *едно време имаши еден сиромах, којто пу сапунџиите носиши пепел и са храниши* [V,PM,47]; ~ *тојнака, как га зема грошовету, га тури аф пазвата му и трăгнал да иди по пубратимиту му* [V,PM,33]; ~ *идáл дóма кăжувáл: "Мé-ј мăка, викáл, зăшó дă-крáде пу-сирмăштúј. Нé-ј árна тá рăбóта. Кá ќо-зéме шéјо, кá ќо-уткрáде му-уждúрум пу-áјн шăмáр"* [ПД,169]; **9.** 'укажува на следење, наместо **по**' ~ *"Ште, излезе Кекаро и Бојко, двојца". Тија беха овчари. Напкун ха по ни бре! Они ка видеха, што ки фатиме, а вăрлија кабаницата* [MC(B),92]; ~ *и тојнака, кату виде веки злоту сè по него ходи, са покаја* [V,PM,40]; **10.** 'усмереност на дејството, наместо **на, од**' ~ *и рече сос умот му: "Ej гиди глава, алтини и сребро ми давали, не сам земал, да си чинам кату татко ми чорбациа, л'у земах еден тас, што не врјаднува двајси гроша!" И кату се науми това, гу удри по земјата тасот, гу разби"* [V,PM277]; ~ *утринта рано трагнали двата да бјагат. Кату чу татку и, ча побегнаа, ха и зел*

после да а тера и а пристигна на пăнтјут. Ама младата самовила знајала млогу, та фати на јунакот, гу удри по земјата [V,PM,-279]; **11.** 'укажува на цел на движењето, со значење **за**, односно **на**' ~ *пиши́н ќи до́ăт лина́рќи, двăна́јсăт же́ни (армаса́рќи) пу мӑле́чќут ниша́н. Де́сит ду́ши армаса́ре; све́курут, де́вирут, ќи дунесăт алтắјне, пăпу́ци, купри́нин кăврӑк, шӑми́а, ко́лба, се́нка, спăле́то* [ИГ,-116]; ~ *"Шо́ дă-нăпра́м, шо́ би́ше та́те?" – "Ми-та́т-ти, рӑче́л, си́нко ка́к бише-жйф и́мише е́дна пу́шка, о́дише пу-ло́ф, лувци́ би́ше"* [ПД,154];~ *"Ја́с, ричел, тӑка́, тӑка́, о́дум пу-кра́дăне нă-ве́чăр, ричел"* [ПД,169];~ *Исус гувори́, да ричé: Не́ сам дујде́н за дру́го ни́што, ту́ку пу о́фцити загубе́ни на Из...-цка зе́мн'а. Же́ната ка дујде́ла, му са пукла́ни́ на не́гу, да вил'а́ла: А фе́ндо, поми́луј ми* [MV(K),272]; **12.** 'во некоја временска секвенца се случува нешто' ~ *по грозди време и собрала една кошничка грозди, и со една игла зарната ги дупиши и на дупките дребна отрова посипа* [V,PM,213]; ~ *ниту то́ј да га ви́ди, ни́ту же- ната не́гу, та утринта́ ошти по зор'ата да га остави́ па́к жената са́ма* [V,PM,10]; ~ *кату гу зе тјумјусукот харамиата, му вели на царјут: "царју, по што време да дојда утри на конаќут?"* [V,PM,210]; ~ *отиде царјув син на чаирите, легнаха двата близу-близу; ама истом по ранината хрăтленту сос опашката си земуваше от реката вода и напрăскаше околу момата тревите* [V,PM,71]; ~ *бостанот стана кату орман, хем и врăзал либиници млого.По либиници време татко ми и вјахнал пентелот и јазе котката* [V,PM,202]; ~ *пуч'ива́ш'т'е́м, пуч'ива́ш'т'е́м си до́јдух у с'е́луту сабакарш'и (пу пруза́р'ани = во мугрите)* [MS,t,2]; ~ *ве́л'ат на не́гу Учени́ци: Дидаскале, се́га ти сака́ле да ти фрăцкат су ка́мини Јудеите, па та́му са́каш да си о́диш? Гувори Исус: Не́ ја дванаесет саа́та де́нут? Кој пуудил на де́нут, не́ си супну́а, о́ти му сă гле́да ви́делот, и а́ку пуо́ди не́кој пу но́ќа, сă со́пка* [MV(K)286] – во текстот имаме прашална реченица без партикулата '(да)ли': **Не́ ја дванаесет саа́та де́нут?**; **13.** 'означува време по некој настан (пр. по некој празник)' ~ *пу-Питро́вдин, уф-та́а пу́кта же́га избига́ме уд-до́л; ~ пу рӑчо́кут ќи пуле́гнăт ма́лце. На́пкунта ќи до́е, па ќи ужи́нӑват. Ики́ндиа. Ќи скӑлкăт лук уф уце́т и ќи ужи́нăт*]ИГ,119]; ~ *да как сă сфăрши́ле дни́ти уф литурги́ити, си ути́ди до́ма му, и пу ти́и дни́ти на́пăкон устана́ те́шка Елиса́ва же́ната му, и си скри́ии пе́т месе́ци, ем ве́леши: Ету така́ ми чини́ Го́спот на мо́јти дни́... да сă чи́нам ризи́л пу л'у́дито* [MV(K),272]; ~ *Царјут му рекла: "да дојдиш утри по пладнина"* [V,PM,210]; ~ *пу ик'индиа уше един са́ат или два́ ќи рӑбо́тăт, ќ-си о́ăт. Шо е диле́ко ни́ва, и по́-ра́но си о́дăт*]ИГ,119]; **14.** 'укажува на состојба на времето (како метеоролошки поим)' ~ *пу-та́а мӑглата, а ту́к, а та́м сă-изгуби́ме...;* **15** 'за искажување дека нешто се врши сообразно според нешто друго' ~ *дека, по приказната, са напија вода Артаксеркувјут аскер, ут коа се јсуши Галик* [ME(P),72]. **16.** 'кога нешто се замотува (во случајот околу прстот), наместо предлогот **околу**, односно **на**' ~ *тогáс ти́нака да ги фа́тиш да им ски́ниш по едно́*

вла́кно от па́шките и по едно́ вла́кно от ши́ата; влакна́та ти́нака да ги зави́еш по пра́стит'а ти [V,PM,124]; **17.** 'упатува на редослед: едно зад друго' ~ *му докара и една паница просу. Как чини да му гу турни аф кошничката, са турна на земјата. Сакаши да гу собере тјанака, тојнака не оставиши: сакаши сам да гу собере от земјата по едно по едно зърно;* подолу на истата страница: *ки гу собрам по зърно по зърно* [V,PM,72]– плеонастичка употреба на предлогот **по**: *по едно по едно зърно* наместо 'едно по едно'; односно *по зърно по зърно* место 'зърно по зърно'; ~ *и разбра́хми шо са исти́на не́гуво кажува́ни. Има и о́шти дру́зи но́гу, ко́лко а чини́л Исус; ти́а а́ку са́каа да са́ пи́шат са́ти иде́н пу иде́н, си́та дунја́та, ка си у́мам, не́ бе́ши каби́л да и приби́ери кни́гити шо ки са́ пи́саа. А мин* [MV(K),...]; ~ *отидоха на сиромаховата нива, најдели крушата, по крушата и плочата* [V,PM,32]; **18.** 'упатува на распределба' ~ *најдоха на пат'у един човек, којто имаши на двете му ноги пу две мелници* [V,PM,44]; ~ *з'е́ват ко́тката и курди́суват крусно́ту, закува́ват два ко́ли, кла́ват и пу иди́н ка́мин' на крајо́* [MS,t,7]; ~ *вразáч'инут ха... вра́зува сно́пи; пу д'е́сит' сно́пи ха пра́и ста́ва* [MS,t,66] – присуство на множински форми кај едносложни именки со наставката **-и: вра́зува сно́пи; пу д'е́сит' сно́пи**; ~ *умрентујут длаговал на три арнаути по сто гроша, и арнаутиту не оставиха да гу зарајат ... му дадé по сто гроша на секој арнаутин* [V,PM,33]; ~ *едно́ врја́ме три́ арга́ти побра́тими би́ли, рабо́теха и тро́ицата по шејсе́т па́ри на де́н, работи́ха така́ мло́гу врја́ме* [V-PM,118]; ~ *ца́рцките л'у́ди си собра́ха меѓу ни́хка, збо́р чи́нат, ка́к да чи́нат. Еди́н от ни́хка ве́ли: "о́лан, а́ди да и́дими на́ аргати́но, што затвори́ ца́рјут, да са пи́тами, бе́лким о́н зна́е, ча́ то́јнака ра́боти по шејсе́т па́ри!"* [V,PM,118]; ~ *ито́ до́ктуро ве́ле: "Ја́с у́тре уна́дан си-о́дум, пу-то́ на́-ме́н ме-во́л'ата, а́ку са́киш да́-ми-да́јш до́бро, аку-не́ ки-ста́нум ки-с-о́дум". Не́-му-се-да́вă на́-ца́ро* [ПД,149]; **19.** 'кога нешто се врши под одредени услови' ~ *де́јна а пра́ват пу ле́тну сла́нце[но́ј ќја се ту́рва пу мисичи́на* [ME(P),95]; ~ *да ти ш'ту ста́пна до́л на дво́ру ду́рата за уста́ни да пу ду́рата за т'а фа́т'ат* [MS,t,22]; ~ *гу имале не са́л са́т Постул, пу приказните на наште силјајне, ми дистина́-два́најсит села на́окулу* [ME(P),85]; **20.** 'за означување на заедништво, придружба, наместо **со**' ~ *и кога са чини на петнајси или на двајси години, татку му гу зема пу негу да гу чини пепеларин: негов занајат да гу научи. И детето, кату беши млогу умно, послуша на татко му и отиде пу негу* [V,PM,47-48]; ~ *бре-ту́ка, бре-та́м, ца́рската мо́ма а-не́ма. Вујни́ ца́ро пушчи́л, чина́л, на́-мо́жат да-зе́мат. Ти́ живо́тните, ме́чките, лиши́ците, ва́лците са́-бури́ле, уд-го́ре ка́ма́не пушчува́ле. И-ра́че́л ца́ро: "Не́ма фа́јда, ја́с то́лко во́јска иста́па́х з-е́дна шче́рки, да́ј ки-ви́да́ме пу-ба́би, пу-ма́ги". Не́ли та́кви́ ста́ри же́ни има́ло, ма́ги шо-пра́ви́ле – ма́ге́сници* [ПД,154]; ~ *"как ки идими на халваџината, да имаш пила по тебика та да фатиш дингилите да ги делаш, да си разбие кучиата"* [V,PM,56]; ~ *затова отидоха един ден, му вел'ат на царјут: "царју, ах царју, харну сега гу имаш това ју-*

нак по тебика, но да имаш на протудраку гăлăбите, сетника друг кату тебика нема да има на земјата" [V,PM,44]; ~ *му са поклони и му рече: "ми некеш и меника да дојдам по тебика?"* [V,PM,44]; ~ *тој, кату излезе един ден заран вăнка, ету гленда един калабалăк да иде каде неговата златна кула, и кату не имал по негу друг човек да пусни, за да са научи, толкос калабалик што сака* [V,PM,216] – во контекстот имаме употреба на свзрзникот **да** со интенсионално-декларативно значење, наместо 'дека': **гленда един калабалăк да иде; 21.** 'кога укажува на предмет за кој некој се фаќа' ~ *о́н ричѐ: Ни́му пла́кати, не умрѐ, туку́ спи́и. И са смеја́ле су не́гу, зна́ја шо умрѐ. Па о́н а-извади́ са̀ти на́двор, и а фати́ на не́а пу ра̀цѝти, а вика́, да му ричѐ: Мо́ма, ста́ни си. И са̀ варна́ ду́шата на не́а, и стана́ на то́а саа́т* [MV(K),27] – имаме случај кога во функција на вокатив се јавува номинативна форма: **му ричѐ: Мо́ма, ста́ни си; 22.** 'кога упатува на нешто' ~ *да застана́ З..., ричѐ на Исус: Ету пулуви́ната сто́ка, Афе́ндо, му да́вам на сирома́сити; и аку изла̀жа́х не́куа пу а́кут ки му са̀ вằрнам чити́ри ка́та* [MV(K),280]; **23. други** случаи: **а.** кога предлогот **пу** е удвоен: ~ *иди́н ч'ув'ằк ... кла́ва ло́зи на ро́пкит'а̀ и двами́на ду́ш'и и́мат пу-пујно́ ко́лч'а̀ и ги фти́скат ло́зит'а̀* [MS,t,4]; **б.** со предлогот **на** ~ *ут там, н'ằ зака́раха у Бад'е́мч'ифли́к и там с'а̀д'ằхми пу на с'е́дим, о́сим м'ằјинц'а̀* [MS,t,2]; **в.** со бројната форма 'една' што се редуцирала во **на** ~ *ути́дух пу-на дв'ằ гуди́ни на нос занаја́т' да ш'и́ја* [MS,t,87]; ~ *му удри́ у нус'ằт'а̀ пу-на дв'ằ бра́два, му разби́ нус'ằт'а̀* [MS,t,77].

пу́ (< 'повеќе') adv ~ *и стују́ пу́ на патнајси дни и и́ди с'е́тн'а̀ динкш'и́јата да гу сто́ри д'е́нгуви* [MS,t,5].

пу́: interj 'служи за засилување, да укаже дека нешто се прави во голема мерка' ~ *по́по сја̀: ви́ке: "Е Лу́до, ричѐл, не-би́ше мăрфе́т ти нӑ-го́л гӑс дӑ-мӑ-рӑско́кувиш ва̀да̀н, сја̀: ки-свѝрии сус-же́нта за̀дно ки-игра̀ме"... бӑкӑлӑм се́га, гуто́ви, ки-игра̀т о́ро. Ка́ зӑсвѝруве то̀:, мӑш и-же́на, пу́̀:, ди́м стӑна́ло, игра̀т* [ПД,163].

пуа́пка f 'јадење наутро' ~ *нӑ дру́го ме́сто ви́кат и́нак, ни́а̀ ви́кме пуа́пка... ~ бу́јрум нӑ-пуа́пка* (= повели на појадок) [ПК,2(90)].

пуа́пне pf в. **пуа́пнуве** ~ *кӑ ќ-о́јме на̀ же́тва, ќи пуа́пниме, ќи за̀фа́тме. Ми и́ма ле́пче, и́ма лу́кче, и́ма си́рӑнце – ко́ј шо и́ме. И ќи зӑфа́тме да жни́јме. Ако зӑба́ве рӑчо́кут, па́ ќ-си а́пниме, не́ ќи тӑрпиме – шо ве́л'ӑт* [ИГ,119]; ~ *от не идиш, снајо,[заедно да ручме?[рачок ти истина![што си веле Јана,[веле ем гуворе:["Мале, мила мале,[гуведа ка тирах,[јуф мајка се врнах,[тамо си пуапнах,[сега не-м са јаде"* [ТГ,330].

пуа́пнуве impf **1.** 'јаде наутро, пред да почнат со полските работи (*купајне, кусејне, жнијајне* и др.), специјално јадење за *пуапка*, не се спрема' – кога *пуапнуват* в поле, на нива, јадат: леб, сирење, лук, односно она што останало од вечерата [ТГ,19]; **2.** 'јаде набрзина, каснува' ~ *пучѐкјо̀:, сјáа ќи-дóо, пуáпнуве* [ПК,2(90)].

пуб'а̀сн'а́ва impf 'станува бесен, опфатен од болеста беснило' – основно за

куче ~ *пуб'ạсн'а́ ку́ч'ату* [MS,s,92]; сп. **уб'ạсн'а́**.

пубе́рка f 'берење на изостанати плодови од главната берба (пр. ореви)' ~ *ќо́мити на пубе́рка би́хми, ама ни́што не најдéхме* [ПК(Мор)].

пубесне pf 'кога човек ќе биде каснат од бесно куче може да *пубесне*, или да *избиснеје*'. Дека е човекот *фатен уд бес* се познава по тоа дека непрестано чувствува како нешто да му се врти во главата и добива несвестица. Постојат 2 начина на народско "лекување", првиот се состои во тоа со остар брич да му се малце исече сината жиличка што ја имаме под јазикот и да истече малку крв, тоа се вика *да му се сече бес*; вториот начин на лекување е следниот: човекот влегува во длабока каца полна со вода што треба да му допира до устата, потоа се зема *угорен вршник* и со него го горат по темето толку колку може да издржи [ТГ,237] – се разбира дека денеска ваквиот начин на "лекување" не се практикува .

Пубијн Камин top. – во селото **Богородица** (*Бугројца*) веднаш над црквата има мал рид што се вика *Пубијн Камин* – името го добил по тоа што има заболен (*пубијн*) камен во висина околу 2 м., а во обем колку еден обичен човек. Преданието зборува дека на тоа место имало некогаш манастир што се викал *Св. Тодур*. Кога е срушен манастирот не се знае, но останало преданието и тој камен. Навечер, спроти празникот *Св. Тодур* тука доаѓаат неротќиьи не само од с. *Бугројца*, туку и од други соседни села и во самракот по три пати ќе се завртат околу *Пубијн камин*, верувајќи дека магијата што некој ја фрлил врз нив ќе биде раскината и во иднина ќе можат да родат [ТГ,64] – суеверие.

пубиле́н* adj 'нешто што добило боја на снег, на млеко' ~ *та́м дéка-ј пубиле́на бу́бăта, да-ре́чме шо-са́ке да-на́јде ме́сто за-кужу́руви да-ви́е, ќи-са-пубе́ле пу-ти́е ве́јкте, бе́ла ќи-би́де, са́та бу́ба ќи-са-нака́че на-ве́јкте* [БМ(Стр),201].

пуби́рук m, в. **пубе́рка** [ИГ,128].

публеде* pf 'кога некој од преголема возбуда, особено од страв, ќе ја изгуби бојата на лицето, и ќе стане блед' ~ *и, та́ка́, гу-фạти́ на-та́квó дéјту, вójникут, и вó ричé: "А, доло ќи-ма-чи́ниш!?" И, вó га-зéва маши́нцката пу́шка, дăме́к, ќи-гу-стре́л'а. То́гăш, вojни́ци гу-фăти́ја... и са-спаси́ то́. А то́ публиде́, ка́ту-вóсук са-пра́ви́* [БМ(В),193].

пубра́тим* m 'многу близок пријател, како брат' ~ *едно вр'аме имаши еден поп; сос цар'ут са били млогу достови и побратими били* [V,PM,106]; ~ *напкун Милош канисе род роднини, да ги гости, и побратиме* [МС(В),97]; ~ *и гостил сичките побратими негови и јунациту, и пак сос свирката му и сторил млого ахенг на гостите негови* [V,PM,107]; ~ *ка́к оти́ваши на па́т'у, аф една́ го́ра голе́ма не́три гу стр'а́ти еди́н го́л чове́к и му вели: "дéка и́диш така́ бе побра́тими?"* [V,PM,20]; – народот *пубратимто* ги третира за полубраќа. *Пубратиме* се постанува на различни начини: 1. *свадбински пубратим* – таткото кога жени син, во договор со семејството избира два младичи кои на свадбата ќе помагаат и тие стануваат *пубратиме* со младоженецот. Кога ќе отидат по невеста и кога ќе ја поведат тие секогаш се со младоженецот; 2. *има пубратиме* што стануваат на тој начин *што се крстени во една вода*. Тие се сметаат

потполно како браќа; ако пак се случи во иста вода да бидат крстени машко и женско, тие стануваат: *пубратим* и *пусестрима* – тие не можат да стапат во брак; **3.** 'полубрат (брат по првото млеко што го зацицале две деца)' – откако ќе се роди бебето прво ќе му дадат малку шеќер и зејтин и веднаш потоа треба да се задои, но не го задојува мајка му, туку ќе повикаат некоја позната жена којашто *дои*, т.е. има мало дете, таа ќе го задои и ќе го дои 2-3 дена додека да добие млеко породилката. Така овие две деца се третираат за *пубратиме*, бидејќи цицале исто млеко [ТГ,107]; кога детето ќе порасне, жената што го задоила ја вика *сут-ана* (мајка по млеко); **4.** '*пубратиме пу крф*' – кај двајца блиски пријатели, другари, може да се роди желба да се ородат, да станат *пубратиме*, во тој случај ќе се боцнат малку на рацете, ќе си пуштат крв, а потоа еден од друг ќе лизнат од крвта' [ТГ,277].

пубъ́рке (и: **побъ́рка**) pf 'побара' ~ *а кога́ стана́, просикот фати, си вра̏за́ пак чакши́рат му, побъ́рка на земја́та за да везми кривáкот, но не можá да гу на́јди. Кату ахкаши и пе́шкаши про́сикот за кривáкот, еден човек пита́ го: "што́ дедо ахкаш и пе́шкаш така́?"* [V,PM,189] – во текстот е регистрирана зборoформата **чакши́рат** (= панталоните), што ја немаме сретнато на друго место; ~ *о́н ќи-нă пубъ́рке ка́-ќ că-на́јде нă-те́сно* (ќе не побара кога ќе му притребаме) [ПК,2(197)].

пубъ́рке pf 'стана неурамнотежен' ~ *де́тто бил нă-по́л'то. Има́ло уте́пно ту́рски вујни́к. И ти́а са́а гуфа́јкăт де́тто да-ка́же ко́ј-утипа́ Ту́рчинут. То́о де́те ре́кăл: "Не́ зна́м". Му-удри́ли ќуте́кут, о-пубъ́рка́ли и кăжа́л: "крицува́не". "Ко́ј-că?" "Ми́цо Па̏нă̏ју́туф и Го́це Кл'а́нкуф"* [ПК,2(Кр–294)].

пубъ́ркин adj 'се кажува за човек што не расудува правилно' ~ *гле́ј-си ра̏бо́тта, не́ о-гле́јш пубъ́ркин е́ј, ус не́го ќи-că-ръ́спра́виш* [ПК,2(189)].

пуварке pf 'побрза' ~ *што си вела Стујан,[на стара му мајка:["Мале, стара мале,[ти стара вампирќе![пуварки се, мале,[два гроба ископи,[еди̏њут за Јана,[а другиjут за мене!"* [ТГ,331].

пуведе pf **1.** 'земе со себе во друштво' ~ *сношти је Јанка jув село влегла,[хајде, Јанке, за вода да та поведам,[дивојчице малечка, да та зал'убам! – Јуф село влегла, бајрак развила,[хајде, Јанке, за вода да та пуведам,[дивојчице малечка, да та пол'убам* [ТГ,290]; **2.** 'потера' ~ *ја нусиле jуф кулиби,[jуф кулиби пра трлото,[малце време пустујало,[малце време пред вичери,[си пувиде млади Стујан,[си пувиде дробно стадо* [ТГ,103].

пувéе (că)* pf 'се раздвижи малку воздухот, се освежи' ~ *дă-că-полуфти́ре: изва́ди-j ти́а вă̏лнушти́нте дă-că-пувéет нă-вăздýх* [ПК-,2(90)].

пувéе pf '(да) појава малку на коњ' ~ *нă-ко́jно că-кăчи́ дă-пувéе ма́лчко, дă-прăше́те ус-ко́jно* [ПК,2(90)]; сп. **вéе** 'јава'.

пувéл'а f, **1.** 'заповед' ~ *Де́тто că пучудúл... си ре́кло на у́мут: сто́j да̏ па́днум и jа́с еднăш, да̏ ви́дум, шо́ ќи-пра́ве во́а та́тко. Ка̏ па́жќе де́тто о́дма пувéл'а ут ца́рут да̏ гу вăрза̏т де́тто* [ИГ,114]; ~ *ко́j са́ка да слу́ши мо́а пувéла, ки разби́ра за прика́зната, утде́ка ут Го́спот, и́-лим jа́зе уд у́м са̏ прикажу́вам* [MV(K),256]; *ве́ли на ни́х Исус: Мо́jо jаде́нито, да чи́нам пувéл'ата на*

тó шо ми пуштú, и да сфăршам нéговóто лáф [MV(K),-258]; **2.** 'желба' ~ *на тóа врéми, дуjдé идéн тиjáн човéк на Исус, му дукимáсаши на нéгу, и му вéлиши: Дидáскале, кó-i пувéл'а пóнапрéжна и гулéма на нóмуто?* [MV(K),258]; **3.** 'благослов, овластување' ~ *и тогá киниса за да úди на господáро му и сос бóгува повел'а не страдá нúшту аф моретy* [V,PM,14]; ~ *рéкал: Зашт'о си расчýдите лóшо уф сăрцити вáш. Шó-i пóкулáj да рéчам: ти и прустéни грéхови, úли да рéчам: стáни си, и хóди си? Илим, акý сáкати да пикáсати шо Човéшното Сúн úма пувéл'а наврáс зéмн'ата да пруштáва грéхови* [MV(K),-266]; в. **повелиа**

пувéлба f, 'наредба', в. **пувéл'а 1.** ~ *снáата дуjдé, дăдé пувéлба и уддé; áска нóго, нóго пувéлби нé-сáкум, дă-знájш* [ПК,2(90)].

пувéлин m 'тој што **повела, господар**' ~ *и засиднá, си прикажýваши уф каúкут на инсáнут. Ка си папсá вики да прикажýва, ричé на Сúмона: Влéчи гу сéjа на дăлбóко, и фăрлájте грúпот вáшо да лóвите. И угворú Сúмон, да рéкал на нéгу: Пувéлин, сăта нóка си умурúхми, да нúшт'о нé фатúхми* [MV(K),272].

пувéлнин m, в. **пувелин** ~ *рéкал Пéтро: Пувéлнин, сфéтут ти стéгат и ти тúскат... Исус па ричé: Ми фатú идéн; óти jáс пикасáх шо испаднá кувéт уд мéн. Да как си видé жéната шо нéма да си скрúи, дуjдé путрисéна, и му кажá на нéгу за шт'о сибéн гу фатú, му си кажá на нéгу áлут* [MV(K),276]; ~ *да ут тáмо ки фáтат да сă раздéл'ат óни ут нéгу, ричé Петрос на Исус: Пувéлнин, áрно и тýка за нáс да бúдими* [MV(K)...].

пувújве impf 1. 'повиткува, пр. бебе во пелени' – сета грижа околу малото дете ја има мајката. Таа ги пере пелените, таа *гу пувијве и развијве*, она го учи да јаде, она сè [ТГ,117]; **2. – (сă)** 'се завиткува'; сп. — **пóвут** 'растение, *то: сă пувúве пу нéко: дăрво, сă пукáчуве, цăфте бéло цвéтче и фúно мирúсе нă слáтко*' [ПД(123)]; **3.** изр.: **нé ќо: пувúвум** (= нема да му допуштам некои работи, нема да го галам) [ПК,2(182)].

пувúдлив adj 'се кажува за човек што е скромен и послушен', пр. *измиќарут* може да биде *вулувар, урач, дрвар*, или и едно и друго, но ако е *молав* (со блага природа) и *пувидлив*, тогаш со него се добро постапува, дури може и да ужива [ТГ,274].

пувиjáк m 'мало бебе што сèуште го завиткуваат во пелени' ~ *шó плáчиш алúс пувиjáк, зáстрам-се, нé си мăлéчук* [ПК,1(90)].

пувújен adj 'завиткан' ~ *месту кăлпак фес пувиjен су цăрнă ширвета, ка му велjат они шамиjă* [МЕ(Р),81]; ~ *тó сă-ýме: "Кóга ќи-пурáсте тá и кóга ќ-ă-зéм jáс? Кóга ќи-сă-стóре дă-сă-жéнăм? Ќ-ă-чéкăм jáс!?" И óн стáнва пулéка-пулéка ă-зéва кутшу-бéше пувиéна, нáдру ă-зăкáчфа нă-кóljăта нă-плитúшчăта и дă-гунéма, излéзе* [ДК,151] – во контекстот има уште еден пример за употреба на презент од перфективен глагол: **и дă-гу-нéма, излéзе** (м. 'излегува).

пувлáде* pf 'совлада некого, го оневозможи' ~ *áрно áма éто нéстрéќа, гу-стритéл Тýрчино и дуjдéло дулóшо, сă-збурúли. Сă-збурúли Тýрчино и дéлт Гóце. Нă мужéл Тýрчино до:-пувлáде нă-дéлт Гóце. Дéлт–Гóце о-пувлăдúл нéго* [ПК,2(Крец–311)].

пувлéче (сă) pf 'си замина, се откажа од нешто' [ПК(Шт)].

пувра́тки 'обичај поврзан со свадбата', в. **пувăрнич** ' ~ *и́де цáро, гле́де кăшти. И áјде гă-дáве мóмата. Гă-дáве и на пувра́тките, не́л' нă-пувра́тки о́т, да-пувăрнат невéстта – пувăрни́ч, нă-недéл'та гă-пувăрка́т, гă-пувăрнуват прă-тáтку-ј, дă-сă-ви́ат, цáро зако́ле адна крáва* [ПК,2-(233)].

пувре́де (сă) pf 'кога некој ќе претрпи извесно оштетување' ~ *има далак. Таа оде пу-спли́нта. Спли́нта му-сă-изду́ве нă-чувéко. И то: дăлăкли́ă сă-ви́ке. Дăлáк и́ма то:. И спли́нта ќи-му-сă-изду́: уф-куре́мо и дро́бо ќи-му-сă-пувре́де, то́-ј дăлăкли́а. И гле́ј го чувéко: не́-ј áрин, триме́же, сè ги́не, сè сăне* **[ПК,2(239)]**.

пувра́та́ло n 'дрвото со кое се стега или олабавува основата на разбојот' [ДК,104].

пувра́ту́л'ка f, 'дел од разбојот', в. **пувра́та́ло** [ПК,1(90)].

пувăрза́н* adj 'кога некој со некого е во договор' ~ *Одăт, о́дăт пу-пăтут и си-збуру́вăт на-кóј нáјќа вá сéга, чу́нки ќи-пáдне на идéн уд-ни́х. Гуле́миăт: "Јáс аку-не-бéк ни́шту нă-мóжикте да-напрáвите". Дру́јкăт:"Тăкá...", нáчи* (значи) *пувăрзáни би́ле* [БМ(В),196].

пувăрија impf **1.** 'враќа' ~ *се наогја прид иден "паметник" шо му-ј пувăрија мислите на по-вичка ут 2200 гудини напред* [МЕ(Р),69]; **2.** – **(са)** 'се враќа назад' [МЕ(Р),175]; **3.** 'дава одговор, одговара' ~ *на ва питачка му са пувăрија на чувек изридувачката на сăта патки шо имам пуминато* [МЕ(Р),67].

пувăрна pf 1.'одговори' ~ *ка ки гу питаш на некуј ут силјајнту за во нешто, ки ти пувăрна: се раскрија ув урманут* [МЕ(Р),77]; **2.** 'врати нешто назад' ~ *и́де цáро, гле́де кăшти. И áјде гă-дáве мóмата. Гă-дáве и на пувра́тките, не́л' нă-пувра́тки о́т, да-пувăрнат невéстта – пувăрни́ч* [ПК,2(233)]; ~ *И ко́га по́стити, ни́м да си чи́нити кату́ о́паки жáлови, шо си расипу́ат ли́цито ни́хно, да си пу́л'ат на сфé-тут шо по́стат. Или ти ко́га по́стиш, мáжи си глáвата, и ми́и си обрáзот... и Тáтко ти шо ти пузнáва уф скри́шн'ото, ки ти пувăрни на ашикире́* [MV(K),282]; **3.** 'кога некој не се држи до договореното' ~ *ти дадеја, моме, дујна ем наранџа,[ми те канат, моме, дур на чужда куќа...[кајил да са чиниш, реч да не повриш!* [ТГ,176]; **4.** – **(са)** 'се врати назад' ~ *ричéли: "Шó бăркиш тýка?" Ричéл: "Ас дујдéх, óјгин зăмáх, зимáх ама-пáк сă-пувăрнáх дă-вă-пи́тум дáли ки-ми-гу-дáјте ел'ál óјгино". – "Дóбро, ричéли, ки-ти-гу-дáјме ел'ál óјгино, áма..."* [ПД,168]; ~ *му кажа се, што чини, как а издрагна туполта, ка и тăрчка дур да са пуварна. Напкум царут риче на зет мо: "Ут сеа нататки башлама на тебе царсфото, ти да царувиш"* [V,PM,296]; ~ *тó си-вóде нáприт мăгáрто, ọн си-и́де, си-и́де, лиси́цта у-сăмáрут фăрл'ај, фăрл'ј рúбте, сăте пу-пăтут. Иднó ка-наближи́лу ду-сéлу ј-исфăрл'ála рúпте, скукнáла óна си-нąбрáла рúби. Са-пувăрнáла дóма, си-ј-нąбиси́ла нą-адна тéл'* [БМ(Сар),203]; ~ *сă-вăрнáх нă-тóă мéсто, гле́дум нéма ни́куј. Ви́кум: ки-стóăм тýка, тăкá си-вéл'ум уф-акăло де, нéли ká ки-устáвиш адúн шéј трéба дă-сă-пувăрниш дă-гу-путéриш. Спăнá стрéт нóш, ни́што нé сă-јáви* [ПД,173]; ~ *истýм, пред дă-си-лéгнат, чăкăăр та: врáтта, испáднá чувéко пу-мóчăне. Ká сă-пувăрнá, мă-глéде. "Уддéк дујдé сјá: тýка?" Ви́кум: "Избигáх уд-Гăр-*

ците". Ви́кум: "Вýјко, ду-на́ште дă-пýштиш а́јн чувéк уд-ва́ште... дă-ми-зéме ру́би нă-мéне и-сéстра-ми и жéнта дă-до́ат ду-пу́ка" [ПД,173].

пувăрнич m, в. **пувráтки** – тоа е обичај поврзан со свадбата: в среда навечер дефинитивно завршува свадбата, а в петок навечер кај младите доаѓаат братот на невестата со тројца свои другари. Со себе носат и поклон со што ја канат невестата да дојде на гости кај своите родители. *Пуклонут* се состои од *пугача* и *типсија сарлија* (= слатка пита, налик на *баклава*). Гостите тука се веселат *ду никое доба*. Утредента зетот, невестата, свекорот, свекрвата, деверот и еден *пубратим* се спремаат да одат *на пуврнич уф нивестин татко и мајка*. На *пуврнич* се оди спроти недела. Штом ќи се притемни, ќе тргнат сите убаво облечени *куту за госте* носејќи поклон *пугача, млечник* (= баница со млеко на среде) и *карта* (специјален дрвен) сад *сус вино*; тука ќе преспијат и утредента одат заедно в црква. Идната недела младиот пар ги кани на *пуврнич* или *(г)и пуврнуве кумот* [ТГ,192]; ~ *си засука Ванѓелина скути ем ракаве,[си замиси Ванѓелина два чиста кулака,[оти ќ-оде Ванѓелина јуф мајка на госте,[Ванѓелина, леле џанум, в-татко на поврнич* [ТГ,40]; во Кукушко запишавме: ~ *уд-нидéл'та нáпкум нивéстта и зéто óдат уф-бáапта нă-рăчóк (нă-пувăрни́ч)* [ПК,2(91)].

пувăрќа* impf 'враќа нешто' ~ *и́де цáро, глéде кăшти. И а́јде гă-дáве мóмата. Гă-дáве и на пувráтките, нéл' нă-пувráтки о́т, да-пувăрнат невéстта – пувăрни́ч, нă-недéл'та гă-пувăрќат, га-пувăрнуват прă-тáтку-ј, дă-сă-ви́ат, цáро закóле адна крáва* [ПК2(233)].

пувăрнуве* impf, в. **пувăрќа** ~ *и а́јде гă-дáве мóмата. Гă-дáве и на пувráтките,... га-пувăрнуват прă-тáтку-ј, дă-сă-ви́ат* [ПК,2(233)].

пугáзе pf 1. 'притисне со ногата, згазне'; 2. изр.: **о пугáзуве лáфо** (= не се држи до договореното) ~ *нé о пугáзуви лáфо шó сј-о дáл, áк си чувéк нé ко-пугáзиш...*

пугани дни pl 'времето од **Божи́к** па до **Вудици** се вика **Пугани Дни**'. Некои ги викаат **Некрстени дни**, а други **Ристосувă дни**, поради тоа што во тие дни Христос не бил крстен, и ѓаволите се труделе да го излажат да не се крсти и да не се исполни волјата Божја. Се верува дека во тие дни сиот свет, и растителен и животински е усмерен против човекот. Во овие дни не треба ноќта никаде да се оди, а особено *уд вичери па ду први петли* [ТГ,12]; сп. од Кукушко: **пугáни дéнуве** ~ *тúа дéнуве уд-Бужи́к ду-Вудúци, стáрте ви́кат кăркóнцул'то шитáли, зăтóо и-ви́кат пугáни дéнуве* [ПК,2(91)].

пугáча* f 'голем леб печен во тепсија или подница' ~ *дујдéл кăрă-кóцулта и вике: "Чéшăл, пéшăл дивójко, ќи-ти-мóтум црéвата!" "Е, сјáа, рéкăл, кýче, мáче, питéлче, кá дă-кáжум?" "Е, кá ќи-кáјш, рéкăл, кá си јадé сáма пугáча и такá ќи-кáјш сјáа сáма"* [ПК,2(Иц-285)]; ~ *грлото ји било, мале,[куту остра сабја,[устата ји била, мале,[чаша фикијова,[лицето ји било, мале,[тиквешка пугача,[очите ји биле, мале,[кустуренски цреши* [ТГ,52]; ~ *му-вéле нă-мăјжут: "Оди дă-гу-пáлăш кăсмéтут". Мăјжут óде дă-гу-пáла кăсмéтут. Она мéсе ина-пугáча ут-пéпăл. Нéма дрýго ни́што. А-клáва у-иднă-тóрба* [ДК,126]; ~ *дал' си чула Като, разбрала,[твојут*

вујко. Като, свадба ки праве[свадба ки праве, Като, син ки си жене?[ки те викат Като, за пусестрима,[ти да месиш, Като, бели пугачи,[бел пугачи, Като, бели пуклојне [ТГ,156]; сп. верување: – кога е *новина* (млад месец), а девојката прв пат ќе го види, треба да се фати за *косланките* (плетенките) и да викне: "*На тебе бела пугача, на мене длăга коса*" – запишано во Дојран [ТГ,433].

пугачица f, dem., в. **пугача** ~ *кога мăже јуд урајне,[они на пустели. – Е бре мăжо, мили мăжо,[мошне се разбулех,[ми тикнало пунудица,[па кукошкица,[ми тикнало рујно вино,[богме три-гудишно,[ми тикнало пугачица,[богме уд чикица* [ТГ,39-40].

пугледне pf, 1. 'упати поглед', ~ *аман, Петре, милин ступано,[ка кајдиса ка на устави!?[оти, Петре, така прави,[који на деца мирам ки даде,[на сираци леб ки даде!?[така ки се мăчат и путиркат,[оти немум јаска никуј,[ни рода-руднини, ни татко ни мајка,[на кого молба ки правум,[који ки ма пугледне и прагледне?* [ТГ,264]; и: **пуле́дне*** ~ *Е, ут-тáмка тóă рăчéл: "От тăкá та: лисúца дă-вúка, стój дă-пулéднум", ká пуледнáл: Рúби: "А, рăчéл, кýмо лисúце, тú, уд-дéка тúă рúби?"*]ПД,157]; **2.** 'му се поврати видот, почна да гледа' (тој што порано бил слеп) ~ *тја тога искарала водата, от кладнецо што била, дала јă на царцкăтă керкă, да си умијă с нејă очите и, л'у как сă умила, завчас погледнала* [V,PM,282]; ~ *на кулата један камен да кладат, от този кладнец, шта сă застои и ништа сă убарјă. И еднă чаша вода да земат от този кладнец, да отнесат на царскăтă керкă, да сă умијă с нејă, завчас шта сă излекува и шта погледне* [V,PM,282]; ~ *Ергéн стăнáл, ергéнче. И тáа бáбăта рéкла: "Сúно, скáчиш н-áјн пăрч, ф-срéт нă-гóрта úма аднá јăбýлка, к-óјш к-а-зéмиш тáа јăбýлка и аднóто óко ки-м пуглéдне". То: сă-кáчúл нă-пăрчо* [ПК,2(230)]; ~ *пучнáл дă-плáче тó: мăлéчкуто, викáл: "Дă-знá: тó: шому-искăрá óчите, дă-óде нă-тá: вójчкăта, имáло нéка: вóда тáмо, дă-с-измú: óчите, ки-му-пуглéднăт"... И-óни гу-уднéсăт тáмка, тó: си-измú: óчите и-пуглéдне, óчите муникнăт пáк* [ПД,166] – во контекстот имаме уште еден случај на употреба на перфективен презент: **тó: си-измú: óчите и-пуглéдне**.

пугл'éндува impf **1.** в. **пуглéдне**; ~ *рéкăл: "Брéј, зă-мéне мéсто! Ама ка-угулéл-пăк! Ка-удрипувéл! Брáда пуштúл, нé-се-знáа, óти óн бúл. И вăрве, вăрве-си пу-пăтут: óде, óде, нăмúра-гу áнут. Сéдне дучéшмата дă-се-издýше... и мúјки-се, пуглиднýве нă-гóре, вúјде пуртрéтут* [ВК,283); **2. 'се грижи за нешто, внимава на нешто'** ~ *пугл'éндувај мójту мáлку дур да дójда јáс* (= внимавај на моето дете додека да се вратам јас) [MS-,s,92]; и: **пуледнуве** ~ *еден гувидар бил куптен будала. Него го раниле селски, вадан ки му даиш ти леб и вичера, утре друкут, демек, сус ред. Една застра нешто са нал'утуве, и ка е кинисал да оде сус гуведа леб не зимуве. Тоа на кого бил ред му давал леб, ама воја јок; са л'уте, лебут не гу пуледнуве* [ТГ,372].

пугл'éндувáни n 'поглед, согледување'; сп. **погléндани** и **пóглиндук** [MS,s,86], сп. и: **пуглиднуватă**.

пуглиднуватă n 'поглед, погледнување' ~ *идно пуглиднуватă нă јапцијте гирек нă јăрăцијте, гирек нă*

ајлăкчијте ... достă ј дă видă чувек... [МЕ(Р)85].

пуглăвéсуве impf 'удира по глава со нешто' ~ *ка́ о-пуглăвéсуве ус-адно дăрво дýр сă-зăнурка́ чувéко* [ПК,2(91)].

пуглăвéте pf, в. **пуглăвéсуве** ~ *и уддéл пóпо нă-бăмáта. То: шúре сус-врéјкăта, брáт-му мăрýве сус кýтлата. Е, ка́ гу-зăсенáл нă-бăмáта, сéне. Пугл'ăднáл нă-гóре, тáм пóпо. Ка́ о-пуглăвéте éдин кáмăн и-пóпо тáмо устăнáл, нăврăс кирмúјте си-умрéл* [ПД,161].

пуглăште impf **1.** 'човек **пуглăште** кога го стега грлото, и не може да голта' ~ *ка́-ќ му-зăлéгне нă чувéк óн пуглăште, зáлуко му-стóо уф-гăрăлто; исто ка́-ј бóлин му-сă-сýше гăрăлто и óн пуглăште* [ПК,2(91)]; **2.** *чувéк пуглăште и ка́ úма мăка* (пр. кога доживеал некоја непријатност); **односно:** ~ *ка́ лăже чувéк сáмо пуглăште, óти крúф-ej нéшто. Ка́ ќи-кáже сáмо пуглăште, сă-мúсле ка́ дă-излăже* [ПК,2(242)].

пугóде pf 1.'удри таму кај што сака, згоди'; **2.** 'наиде на она што го бара, го сретна тоа што му треба' ~ *"Дéк, кăжáли, ќ-óјме дă-сă-пúтуме?" – "Ај ќ-óјме нă-пóпо, óн ги-знá: зăкóнто". Уддéли нă-пóпо. Дóбро-ама ѓáвуло сă-чинáл пóп и-ги-прăчéкуве нă-пăто. Нă истúнскo: пóп нé óдат, не-ј-пуштýве. – "Дéк óјте брă-дéца?" – "А-мú, рăчéле, нúă óда:ме нă-пóпо, пă-сјá: пугудúме"* [ПД,165]; ~ *и-сă-чúне влăдúка ѓáвуло, ја́-ти-гу нă-пăто ги-пăрчекáл.. "А-бă нúă óда:ме ду-тéбе, áма нéјсе тă-пугудúме тýка нă пăто"* [ПД,165]; **3.** 'задоволи, исполни нечии желби' ~ *отишел сиромах па на жена му да си пита и ја вели: "ох, жену, крал'у ме најде тешка работа, да мо најда едно дете от три дана каршилик да мо даде, отговор да мо одговори; как да чинам, да погодам таја вол'а?"* [V,PM,244] – во контекстот имаме употреба на кратката зам. форма за прав предмет **ме**, место датив. **мu**: **крал'у ме најде тешка работа**; ~ *дóд Рáјна нă мрáва нé нăгáзнувше, áма пá не пугудú нă-снáата* [ПК,2(185)]; 4. 'кажа точно' ~ *Ако некој во шала кажува: "Как, как, сă кине, са кубе!" Ткајачката обично му одговара: "Изúќут да си прајадиш, таков лаф да не прагвориш!" ..."Изúќут да си прагризиш, ка (како) пугуди!"* [ТГ,364]; **5.** – **сă** 'се згоди' ~ *му-рéкăл: "Ако мóже дă-спúјам тýка". – "Е, árно, му-рéкле. Нéмме мéсто, ма élăj!" Е, му-клáшле дóлу дă-спúе. Тúа имáле жéнцко рудéно. Трéтта вéчер дéтто сă-пугóди тáму* [ДК,151]; ~ *сă-прăжúни, уддé ут-тăрăн нă-глóк, сјáа пă шó-ј сă пугудú адúн пијăндýрко* (пијаница) [ПК,2(207)]; ~ *Нéли тăквú стáри жéни имáло, мăгú: шо-прăвúле – мăгéсници. А-пушчúле бáбăта, а-пă-то-дéте бил нă-лóф, сáма сă-пугудúла мóмăта. А-излăжуве бáбăта: "Тăкá шчéрко, унăкá шчéрко", а зимýве* [ПД,154]; ~ *младо си саках, мале,[лудо си зимах;[се пугудило, мале,[сè булникаво, мале,[сè булникаво* [ТГ,141]; **6.** – **(сu)** 'кога нешто е соодветно, односно што одговара' ~ *тјáнака пák утринтá отúде нá цáрјут, му вéли: "цáрју, јáзе дојдóх édúн лáф да ти кáжа, ама не знáм далú ке си погодú лáфот ми". Цáрјут га вéли: "кáжи, Кирá Мáргу, штó сáкаш?" – "Цáрју, твójта мóма да га дáдиш нá мój брáт Панóл, бúва ли, нє бúва?"*

[V,PM,140] – употреба на кратката зам. форма за директен објект **га** наместо дативната 'ѝ': **цӑрјут га вѐли**:...; сп. верување: – *торникут* се третира за несреќен ден во неделата, особено еден саат од него (не се знае кој е) и затоа тој ден не се започнува некоја голема работа, бидејќи може да се **пугоде на лош сат**. Името на денот 'вторник' се среќава и во една тешка клетва: **други торник да не та прачека!** [ТГ,8] – суеверие; **7.** – **(са)** 'се договори' ~ *ни кинисаме оти чујаме да он има една арна бӑхча, а уф нија една арна трандафилова китка. Нија пак имаме един арин каранфил, па дујдеме да са пугодме: или ти да ни ја даиш, или пак нија да ти гу тислим чинме!* [ТГ,162]; ~ *Вујнáта пучнáла уд-Амбáр-Кóј, уд-Девé-Карáн. У-тáм тóпут фӑтúл дӑбúе нӑ-кӑ́т-Кýкушко. Нӑ-Питрóвдин, нӑ-дéно, сме бéгни. Спруму-Питрóвдин нӑ-вéчӑрта нé сӑпугудúли Гӑ́рцте и Бугáрто. Имáли дóгувор нӑпúшно. Фӑтúли вујнá, óти Сóлӑн сӑкáла Бӑлгáрија дӑ-гу-дӑ́рже. И ка-j зӑфáјкат нӑнáште, уф-жéтва, гóли, гóли бигáли* [ПК,2(Крец–308)]; ~ *и са стáрио му-вéле: "Вáри вáдӑн нӑцáрицӑта тú кавé". – "Ама, рӑчéл, цáрица-j, тá-j жéна; áj усцáро, рӑчé, и óн мӑ́ш и ác мӑ́ш пá сӑ-пугудúме, ами ус-жéни, рӑчé, кáк ки-сӑ-рӑзбéрӑме!" – "Нé, нé, рӑчé, тú, ут-сéга нӑ-тáм... сè ти ки-вáриш кавéта"* [ПД,145] – како морфолошка посебност треба да се истакне присуството на старата множинска наставка **-ета**, кај именките од с. род: **кавéта**.

пугодуве impf, **1.** 'удира таму кај што сака, згодува' ~ *кá-нӑпӑлнúл Иван усумнájсе гудúни, бúл нóгу сúлӑн ирген. Он... шӑтáл пукрáj Вáрдӑр пу-зӑлéнте ливáди. Уз-нéгувата стрéла пугудувáл и пúле кугá лéте* [ВД,277]; ~ *И-Стójче видéл гáаре óт ки-с-уткрúит, и-едúн Арнýтин пукнýве и Арнýтино гу-субóруве нӑ-Милáн, гу-пугóдуве уф-óкто... тӑ́рче и аскéро. И уддéли тáм, сúте сӑ-збрáли, ус-кáмине сӑ-гу-дутипáли на Милáн Дéлчуф, брáт нӑ-Гóце Дéлчӑф* [ПК,2(Ним–274)]; **2.** 'препознава'; **сп. верување:** – кога на болниот ќе му се влоши ситуацијата, одат кај некоја Циганка која умее *да прави* и *да расипува магии, да гледа и да пугодува* од што боледува болниот; таа уште "знае" и да ја опише жената што ја направила магијата и други празноверија [ТГ,-250]; **3.** изр. **се пугодуве на аминут** (= се исполнува во моментот) – *крштеникут* покажува огромна почит кон кумот, дури поголема отколку кон роденият татко. Крштеникот се плаши од клетвата на кумот како од огин. Нивната клетва е тешка и *на аминут се пугодуве* (во моментот се исполнува) [ТГ,275]; **о-пугудú уф-крúлто (= направи погрешен избор, пр. за соработник)**.

пугóжде, и: **пугажќе** impf 1. 'удри каде што треба, згоди', сп. верување: – на **Бадни вечер** пушката (ловциска) треба да се остави на земја, да се земе секира и да се замавне како да ќе ја удрите и да речете: *"Ваја пушка арно не пугажќе, ки ја закол'ум!" На тоа некој од домашните ќе проговори: "Аман, ти са мол'ум – остаеи ја за воја пӑт, ним а закол'уви, ки лове и право ки пугодуве* [ТГ,387]; **2.** 'кога нешто одговара' ~ *нóго-j кӑсметлúа, сé му сӑ-пугóжде, усгóспо вичирáл* [ПК,2(205)].

пугоре pf 1. 'кога нешто гори, но за кусо време'; **2.** fig. 'кога на усните ќе се појави кора – од исцрпеност,

од температура и сл.' ~ *ej јуначе, младо гарматиче,[што ти јуста, јуста пугурела,[куту кора, кора калинкова,[куту риба. риба јутрујена!?* [ТГ,178].

пугро́бе* pf 'закопа умрен, погребе' ~ *"А-бре́ Лу́до ти́ шо́ ин-нăпрăви́? Ти́ ма́јка, ричел, са-пупăри́л мијáјки". "Ту́ку, ричел по́-гуле́мјо, ди́л'ми ма́јка са-пупăри́л, áј ка-пугро́буме ма́јка и ки-сă-дел'ăме на́пкун". "До́бро". Е, гă пугрубиле ма́јк-ин и ве́чăрта ки-сă-дел'ат* [ПД,161].

пугăзе́и* m 'дел од свадбениот церемонијал – возвратена посета кај младоженците' ~ *уф-пунде́лникут пусва́дбата рудни́нте ут-кăт ниве́ста гу но́сат шуи́жут уф-мо́мчто и ниве́стта, то́о că-ви́ке пугăзе́ј* [ПК,2(91)]; ~ *нă-ве́чирта кăј-де́сит са́атут ки-до́јдиа го́стă ут ниве́стăта кăдă ă-и́маа зимáно. Ти́а муси-ви́кăа пугăзе́и. Зă-ти́а ки-го́твиа па́ по́себна мáнца, не́кој куко́шки, не́кој пи́лци. Ќи-до́иа ви́ја, ќи-и-причéкăа, па́ су-ниве́стăта, су-зу́рлите... ќи-ја́диа, ќи-пи́ија. Дур пуни-де́лнăкут* [ВЕв(Ил–308]; ~ *ни Пе́на ути́де. Пе́на, но́ј ќта ка-дујдеја пугăзе́јте, дă-ре́кне, то́гин ути́де, но́ј ќта, му-скăрши́лă не́колку саáни и па́ да-а-не́ма. Ет тăка́, му-скăрши́лă две-три-са́јне, тăка́ бига́* [БМ(Цр),207]; сп. во Солунско: **о́тбратки** [MS,t,15].

пуда́ве impf **1.** 'дава нешто во мала количина' ~ *бе́јсте пума́гаа нă-сјурмáси; ет тăка́ că-ра́наа чувéцте. Им пудáвше тáм бе́го. Се́тне и о́н ко́ј зна́ шо́ биде́, бигáме, густăви́ме тáм, шо́ знáјме шо́-că, шо́ не́-că. Ка́ бигáме ни́а дујде́ Бугáрја, не́ли, низ на́што се́ло замина́, низ Нимáнци. Ути́де Стре́зуво, Се́слуво, надо́л ути́де, уф-До́лно По́ле... Со́лунцко По́ле* [ПК,2(Пл–251)]; ~ *" ут-се́га нă-тáм, та ки-терăбо́тта, низ-дво́ро, ръ́че́, сè ти ки-ва́риш кавéта". И де́тто, пáмăтно: "Ајде, ръ́че́л, дă-но́сум". Чукнýве па́ нă-вра́тта и ви́ке уд-нăтре ца́рицта: "Ајде". Флăзе́л де́тто, пудáве кавéто и гу-клáва тáм нă мáста* [ПД,145]; и: **пуддáве** ~ *уддéх да-ви́дум шо́ му-пуддáве сè ту́ку нă-де́тто...*; **2.** – **(сă)** 'се појавува, се покажува од некаде' ~ *глáва не́ сă-пудáве нă-во́нка* (= се кажува кога надвор е премногу студено) [ПК,2(194)]; **3.** 'дава поткуп' ~ *о́н пуддáве, по́ле́сно да-му-са-свăрше рăбо́тта; ~ зе́ре-ј пудде́л не́каа па́ра шо́-ј тури́ на-рăбо́та си́те де́ца* [ПК,-2(91)]; в. **пудáде**.

пудáде (и: **подáде**) pf **1.** 'понуди нешто со раката' ~ *Верги́но, мо́ма́ ху́бавă![Зе́ла́ кадăна бардáко,[мăр да ото́де за јо́да,[от не́ја р'ăка да́ле́ко,[отгдă ја видă ту́рчин,[и он ото́де по не́ја,[а то́ј и ве́ли-го́ри: – "По́дај, Верги́но, бардáко!"* [ПсС(З),71]; ~ *ја подáјми мо́ме те́нка пу́шка,[јáс дăзăми́нам, дă-пуми́нам,[дă-пуми́нам мо́ме, дă-зăми́нам,[в-чу́ждачуждина* [ПК,2(258)]; ~ *та змијта... му ре́кла: "Амăн ти-само́л'ам да-ма извáјш уд-о́гинут"... му-ре́клă: "По́дај-гу кăвáлчту јáс прику-вá ки-сă-нăкáчăм и ки-мă-исфăрлиш" И сăа гу-пудадил та то́ кăвáлчто* [БМ(Зб),199]; ~ *ку́нка – ръ́ка на-де́чка: дáј ку́на, дáјку́на, о́на, ќи-си-пудá ръ́кичката* [ПК,2(194)]; ~ *и ќи-зе́ла сто́мните, ќи-зăмина́ла зă-Чучу́ро* (име на извор). *Еди́н-пăт, гă-стрите́ла не́каа же́на, că-вика́ла Го́рска сăмуди́ва. И ре́кла: "Мо́мичко, дáјми дă-пи́јнам во́да". Таа мо́мичка и́-пудáла сто́мнăта дă-că-нăпи́е.*

"Блăгуслóвна да-си, ká ќи-прăгувóриш, ká ќи-с-јóдиш дóма, злáто и стрéбро уд-ýстта да-ти-пáѓе" [ПК,2(Крец– 301)]; **2.** – **(сă)** 'се појави' ~ *Удделе нă-пулýнуш, ка-ýрале, кадрубúле, ка ýрале, ама нúкуј неиспăднáл, бúле лéгнăни. Другăта вéчăр рăчéле: "Нú к-óме нă-дéн нăпладнина дă óрăме д-испáдне и цáрскăта мóма"... тăкá нăпрăвúле и испăднáла мóмăта нă-бăлкóно. Тăмáн сă-пудăдéла нă-бăлкóно, óрăл'то сă-пушчúле уд-гóре, афăтúле, а-нусúле* [ПД,154]; ~ *и хи рéче: "Лýбе, мáлка мóме, мóе веселúу, на скýта ти мáлку шта задрéмам, та да глéдаш прос* (sic) *злáтна пенжјýра, акý да вúдиш от нáзи бáрчúна да са подадé н'áква мăгла, и на чéса да ма рýкаш* [V,PM,260]; ~ *и змиéта заспá на мóмини скýта. И заминá мáлко врéме, и са подáде мáлку маглúца и вăрвjéше насáм, и момáта њáхтја да гу пурýка* [V,PM,260]; 3. 'се вклучува во разговор, неповикан' ~ *ти пă шó сă пудáвиш кóга нúкуј нúшто нé тă пúте, куту пăрле прăд магáре!!* [ПК(Гăр)].

пудáпка f 'јадење наутро' ~ *сăбáјл'ăн ак áпкиш мáлко* (Ник), в.: **пубáпка** (Пат) [ПД(118)].

пудáре* (и: **подáре**) impf 'даде нешто во знак на благодарност' ~ *влéве тóо вăлко, мóре Кóста, и лисúцта му-вăрзýве врéјкта ýстта. "Ајде, сјáа шó чéкиш, му-вéле нă-урáчо, зéми устéно, тéслăта: дéсит дăýдриш, адúн дă брóјш". Ќутéк, ќутéк, гу-спрустúрăт нă-вăлко, гумáнат на-тăкá. Е сјáа, урáчо вúке на-лисúцта: "Шó сáкиш нă-тéп дăтă-пудáрум?"* [ПК,2(Ним–266)]; ~ *лисúцăта му-вéле: "Јáс мóжăм дăсýдăм, áма дă-сă-удвúе ут-тúлут, дă-зăстáне нă-пăтут дóлу. Јáс ќизăстáнăм нăстрéди и ќи-сýдăм: кój-е крúф, кój-е прáф"... –"Е, сéга, лисúцата му-вéле, нă-мéне, вó дóбро шу-ти-гу-нăпрáви, шó ќи-ми-пудáриш* [ДК,137]; ~ *Стójња му велú-гоóри:[– "Јój чобáнче, хајвáнче?[Извади мóма óд бăл Вáрдар,[Јоднéси ја у домá ú,[мájка ú за та пóдари, тéнка кошýл'а лéнена; сéстра ú за та подари,[сúн'а рúза вéзана"* [ПсС(З),75]; ~ *му рекал: "Как, о пријател'у, да сам не засмјан и радостан? Господ ми је подарил једнă ступаница толко добрă и умнă, штото никак си ни може н'акој да јă излăже". Овчаро му рекал: "Ако ми дадеш един нишјан... јаз шта јă излăга". Тој му рекал: "Шта ти дам нишјан, али пак ни ште можеш да јă излăжеш"* [V,PM,280] – во контекстот имаме уште еден пример за присуството на адверсативниот сврзник **али** наместо 'ама, но': **шта ти дам... али пак ни ште можеш да јă излăжеш**.

пудбéре* pf 'изврши груб притисок' ~ *Ама скăráа-се Бугáрто ус-Гăрците за-Сóлун. Стипáа-се тáм. Пучнáа вујнá. Бугáрска вójска нéмше, слáбо нă-Сóлун, дáл' úмше адна дивúза, нéмше ајн-две пóлка. И Гăрцте цéла дăржáва ká пудбрá, пучнáа тúă тóпуве дăпýкат уф-сéлта, запáл'уват сéдбите, жúтта. Ká пучнáа бý, бýбý. И тăвá пól'то стăнá, Сулýнцкото Пóле, кадéш цéло* [ПК,2-(218)]; ~ –"Еј, вúка, си-плáшиш, тáа нé-е-длăбóка". "Кáко нé-е длăбóка, кáмини нóси, вúка, нé-е длăбóка!" И-óн сúлан сúлан сепрáј сас-кóн'о. Твá квá го-подбрáл, тóа-е сúлан, от-планúна дóва, подбрáл, тój пáднал от-кóн'о вводáта, и-водáта г-однéла [ЛС-(К),119].

пудбу́кнăн adj 'човек потечен од пиење алкохол' (Дој), со исто значење во Патарос: **бубунеса́л** *(ут пијне)*, во Николич: **пуддýјн** и **спуфтéсăн** [ПД(115)].

пудбýшин adj, в. **пудбу́кнăн** [ПК,2(91)].

пудва́ре* pf 'кога цвика ќе се стави на оган за да се добие **по́двара**' ~ *цви́ка сă-ви́ке та́а шо́ сă-цéде утси́рăнто. Та́а гă-пудва́рăт, по́двара сă-ви́ке. Цви́ка ќа:-ту́риш уф-бăкăро* (= назив на сад, позајмен од името на материјалот од што е направен садот – **бăкăр**), *ќа:-пудва́риш, ќа:-прăцéдиш. Сéтне по́дварта ќа:-искáриш, и н'а: ќа:-пра́цејш и о́на уф-цидúлка ќа:-ту́риш* [ПК,2(Пл-256)].

пудваруве impf 'става на огин смеса од *благо вино* (*шира*) и *бела, пичена прс*, тоа се **пудваруве** и на тој начин се продолжува трајноста на **пикмезут што** се добива со варењето на **ширата**' **[ТГ,356]**.

пудвéе (пудвé:) pf 'исчисти жито (од сламки и сл.) со помош на ветер' ~ *кути лупáта* (објаснување за називот **јава**), *цéла нăпрáвăна уд дăрво, зă вéјне нă врáо; сă упутрéбуве кá ки дó: жúтто дă сă пудвé:* '[ПД(122)].

пудвéдин adj 1. 'свиткан, наведнат' ~ *млáт чувéк óде пудвéдин, чúниш нéкуј дéдо дé-ј;* сп. уште: *тăквó-ј дéтто пудвéдно, чúниш нúшто нé зна́а, а́ма о́н нă-ѓáвуло дýпката а-зна́а;* 2. 'растение зафатено од гранче што било свиткано и ставено в земја' ~ *на́шјоо трăндáфул утгрáнка-ј пудвéдин. Ќи-т-пудвéдум и нă-тéбе на éсин* [ПК,2(91)].

пудвези pl 'дел од орачката опрема' [ТГ,326].

пудвéс m 'дел од опремата кога се преде со фурка' ~ *то́-ј кулáнче, уснéго сă-вăрsýве кăдéл'та, вăлната за-фýркăта* [ПК,2(91)].

пудвисне pf 'кога коњот ќе испушти глас, пр. кога кобилата го бара ждребето' ~ *"за дрво да врзиш Стано,[мој ми брза којна Стано,[кога којна, бела Стано,[висне и пудвисне, Стано,[и кога ки чујиш, Стано,[тогај да се сетиш, Стано,[и мен да ме смислиш, Стано!"* [ТГ,94].

пудго́не* pf 'потрча по некого со намера да го фати' ~ *уф-Крéцăво зăпрéхме тáм нă-чéшмата, сéтне утúăхме нă-цăрквăта, уф-цăрквăта úмаа кăрштéнка, флизéме. "Шо́ бăркте", нă-пúтат. Г-излăжáме нă-тúа тáм, н-áдна жéна ác икăжáх: "Дéтто-ј бóлно, сáкме дăзăпáл'ме свéшта". Ама ác зимáх, о-сликáх кубéто. Видé áјн млáт пóп, кá нă-пудгуни́, ут-тáм кá мулитнáме, испăднáме нă-Енешéвско пăт* [ПК,2(Крец–307)].

пудгáзник m ~ *то́-ј кулáн шо стóо пут-пáшкăта нă-мăгáрто ли, нăкóјно ли* [ПК,2(91)].

пуди́ге impf 1. 'крева нешто, го става на повисоко место'; 2. 'кога на човек му доаѓа да поврати' ~ *ми-са пуди́ге* (односно: *надúге*) – ако му се повраќа; 3. изр.: **мáксус гу пуди́ге** 'го провоцира (да каже нешто)' [ПД(134).

пуди́гне (и: **подигне**) pf 1. 'крене', в. **пуди́ге** 1. ~ *Т'óа имáл нéкуј кóш. Пут-кóшо, кá дуjдéле дă-гу-тéрăт, пут-кóшо, значи: ки-гу-пулýпе кóшо врăз-нéго... Ама óни стăнáле нáпкумте, зéле дă-чинýвăт, пудигнáле кóшо: јá ти-гу пут-кóшо. Гу-нăjдéле и гу-фăтúле* [ПД(159)]; ~ *нă-бáбăта úма дýпкичка еднá, мăлéнкичка, тáм úма тýрăно цăлéзо. Тó: цăлéзо нé знáм кá сă-ви́ке. Нănéго зăстáнуве дóлн'о: крáј нăвăртéнто и-тó-ј цăлéзно. Лóс – зă до:-пудúгнăт кáмăно* [ПД,171] – од

описот на деловите на воденицата; ~ *на ни́вата, и́ма една́ пло́ча; да подигнити плочата, у-до́л не́а и́ма еди́н каза́н алтӑни* [V,PM,32]; ~ *Напӑл'н'а ги в чувал* (парите) *и отива на ти́клата: "Ач авра́м, капа́ авра́а́м! Ач авра́м, капа́ авра́м!" Оназ тикла – ди́гни се, ди́гни се, похлу́пи са, похлу́пи са. Ни-мо́ј да излéзе!... по́дигни са, па́нни пак, по́дигни са – па́нни пак* [ВД(Кал),-334]; ~ *и ни́кој ни са́ е пока́чил на небéто, садá новá шту слéзе от небéто, человéштија си́н, дéто е на небéто та кату́ Мојсéа как поди́гна земéта на пу́стината таká тр'абова дá са поди́гне и ч'улéштија си́н* [ВД(Тр),327]; **2.** 'изгради (пр. куќа)' ~ *ет-нă-при́мер уф-на́што сéло и́ма дисти́на, двájсе ду́ши сирути́ни, устă на́ле уд-рáто изго́рăни, нă-мо́же дă-пуди́гне кắшча, нéма алáт, нéмă рăбóта* [ПД,143] – лексемата **рат** (= војна) освен во материјал снимен во Дојран од покојниот д-р А. Поповски, ја имаме запишано и во соседното село **Фурка**.

пуди́гнин* adj **1.**'кога нешто е ставено на повисоко место, поткренато' ~ *пи́тиш кắштте кăкви́ би́а? Еми ја́, ни́ски кắшти, не́ тăкви́ висо́ки куту-сјáа шо́ и́мме пра́вини кắшти. Ни́ски кắшти тăкá, не́кој ма́лко пуди́гнини, тăкви́ би́а* [ВК(Шт),-288]; **2.** fig. 'ангажиран, организиран' ~ *ма́јка-му и та́тку-му Гắрците гифắти́ли и ги-зắтвури́ли уф-куна́кут, а́ма се́каа ве́чắр пу-двă-тру́јца манува́ли кој му-причéло. Зắто́ и не́каа ми́сија – фрắнцу́ска, пуди́гнина ут-кắлу́гирките ут-Со́лун дујдéла уф-Амба́р-Ќо́ј, та́м уф сéлто и видéла дéца зắтво́рни и нắро́т зắтво́рно, та́м уф-куна́кут. Една́ мо́мичка испắдна́ла, га пита́ли: "Дéка-ј ма́јка-ти и та́тку-ти?" Мо́мичкắта ре́кла: "Е, ма́јка и та́тко та́м-сă уф-ре́кта зắко́л'ни"* [ПК,2(Крец–304)].

пуди́гнуве impf, в. **пуди́ге** **1.** ~ *до́лн'о: кра́ј нă-вắрте́нто, дéка вắрте нă-ба́бắта, сă-ви́ке бо́т. Ба́бắта-ј пудча́рго, до́лу, о́на гу-дắрже вắрте́нто удго́ре. Сус-ба́бắта гу-пуди́гнуват ка́мắно, гу-спушту́ват, кắкво́ са́кắт бра́шно дă-мéл'ат: по́си́тно или по́е́дро* [ПД,171].

пудли́зе pf 'тече по малку, одвај забележливо' ~ *а́ј-га дéка-ј пу́книна сто́мнắта, ут-ту́к пудли́зе, зắто́-ј та́а во́да пут-стумна́рнико* [ПК-,2(91)].

пудло́шка f **1.**'кожа од овца, исчистена, но со волна заедно, се користи за седење и одмарање' ~ *те́јко ќи-са-пусте́л'ше пудло́шката дуџа́ко, та́м си-ле́јше;* **2.** fig.: ~ *шо́ су́киш адни ко́ри, алúс пудло́шки* (се однесува на кори за пита ако се многу дебели) [ПК,2(91)].

пудме́стин* adj 'кога нешто од едно место е ставено на друго' ~ *Сă-ви́кум Го́це Ри́стуф Нико́луф, ро́дин сум уф–Ку́кушко, уф се́ло Шикирли́а. Ут-Ку́куш са́ат и де́сит мину́ти. Ла́жа не́ма уф-ме́н. Двӑна́јсе кắшти би́ше. Сè ристе́не. (Сега) не́ма на́ши та́м. Не́ма ус кој д-удгувóриш. Ку́куш дуде́к гу гле́дум пудме́стино нă-на́м. А то́о ри́тче Сви́ти Ѓо́рге шо гу ви́каа, гуле́м ри́т, тăка́ систо́о куту ръ̆сту́рин, иско́пин. Зна́чи уф Ку́куш дéка-ј би́л, ста́ро. Кắшти дéк сă-би́ли, дика́не, та́ма баја́ ли́ри најде́ли* [ПК,2-(Шек–277)].

пудме́тка f **1.**'дебела кожа (ѓон) што се става на кондурите здола'; **2.** изр.: **ко́лко чи́фта пудме́тки скина́** (= се кажува кога некој многу трчкал за да заврши некоја работа) ~ *дудéк дă-нај́ш рăбóта ко́лко чи́фта пудме́тки скина́? – Че́ки, че́ки, ќи-ви́ј́ш*

и-тéп тă-чéке [ПК,2(170)].

пудмистувачкă f 1. 'промена, изместување' ~ *бејзте шо сакаа то правиа уд јăрăщијте му: немаше жăлјувачка ни утки пудмистувачкă* [МЕ(Р),85]; 2. 'сопка' (се става за да не може да се движи некој, односно да падне) [МЕ(Р),175].

пудми́шка (и: **путпе́зва**) f 'внатрешната, долната страна под рамото накај градите' ~ *си-ј-стопли́ рăцто уф пудми́шкăта* [ПД(Фур)].

пудничáрка f 1. 'нечиста крпа, служи за бришење на **подница** (дрвена) оттаму името'; 2. изр.: **стăна́ла али́с пудничáрка** (= се кажува за жена што е неуредна) [ПК,2(195)].

пудно́ве* pf 'кога нешто повторно се актуелизира' ~ *ти́ă рабóти сă удзаманó, сјáа пáк и-прáват, пá и пуднувúă* [ПК,2(204)]; сп. пожелување: ~ "*На новјут гост Госпуд нова нафака* (среќа) *да му даде! Сус таква радуст Госпуд сите браќа да и зарадуве, и дека треба да се врне! Ваја гудина винчаме, Госпуд да пувеле уд гудина воја време мăшко дете да крстиме! Уџакут да гу пудновиме. На младенци Госпуд касмет да им даде! Мир и милост меѓу них да биде. Сус мед и млеко да се ранат!*" [ТГ,184].

пудно́шки pl 'дел од разбојот' ~ **скрипчи́јната** (се прицврстени) *на* **ко́шнички**, *шо сă зăкáчăвăт на* **ни́шăлќите**. *На* **ни́шăлќите** *ќи вăрзиш* **пудно́шки**, **стрăпáл'ки** [ИГ,121].

пудо́и* pf 'кога стопанот ќе помогне новородено јагне да се научи да смука млеко од вимето на овцата' ~ *кóга ки-сă-уј*á*гне óфцăта, óна ки-зи́ме ки-гу-избли́же јáгнето, ки-гу-учи́сте, пóсле трéба дă-гу-пудóјш, знáчи дăцúце. Кá ки-гу-пудóјш, óн ки-сă-нăýче, вéч дрýгио дéн сáм ки-мóже дăцúце* [ПД,156].

пудрасте* pf 'порасне, стане поголем, но не за многу' – квачката веднаш не ја пуштаат слободно да се шета туку првата недела ќе ѝ врзат за ногата некоја *кирфија* (голема шајка) за да биде малку подвижна додека пилињата не *пудрастат* [ТГ,402].

пудре́де (сă)* pf 'се ситуира' ~ *дéсит гудúни кá сă уф-грáдо, гáаре фатúа кóрăн, сă-пудридúа* [ПК,2(209)]; ~ *си-л'ăгнáле, утринтá пут-пéрницта нăјдéл двé лúри. Пучнáле пóбугáтичко дă-сă-ублéчувăт, дă-сăрáнăт. Вáјн си-купúле нúвичка, ýтре кóјнче, рáло и-тăкá пучнáле бугáти дă-сă-чинýват. Убуво и-кăшча синăпрăвúле, си-пудридúле сăто* [ПД,-152]; ~ *прăкăрáме тáа зúма тáм, вúкме: "Нă-прóл'ăт ќи-с-јóдме, ќиш-јóдме, сă-стóпле, кáк дé-ј ќи-спудрéде". И тăкá, тăкá, устăнáме тáм* [ПК,2(219)].

пудре́дăн* adj 'среден, приготвен како што треба' ~ *флизéме уф-грáдо, срéт грáдо* (Петрич). *Имше áјн сáат, гу-рăстурúли, сáато на-кăмбáнта, сáат дă-чýке, тăкóв. Гу-рăстурúа, дă-нé рăбóте. Нúă флизéме фáдни тýрски двóруве, áма двá мéсца сè пу-кăро сме, кăт чăдăрлúи, кăту Гýпци. Бижáнăц, нéма нúшто... "Е, е, вúкат, сă-услубудú вúк гájре. Пудрéдăна-ј гájре. Ќи-и-сдме гájре"* [ПК,2(221)].

пудреме pf 'поспие' (малку) ~ *пá пуудúле, пуд-édно дрýго дăрво сăднáле дă-сă-пучúнăт и л'ăгнáле тăкá дă-пуспúт, дă-пудрéмăт. Пăт дăлк. И-нéко пúл'ăнце фăтúл дăчăрчóре* [ПД,153] – несоодветна конгруенција: подметот во среден, а предикатот (л-фор.) во машки род: **нéко пúл'ăнце фăтúл (дă-чăрчóре)** .

пудрýкаш'т'ém adv 'проколнувајќи' ~ *и дијатáксува паш'áта на аскéр'у, гу зваж'дат ч'урбаџ'ијата ут кáш'тата пл'ýиш'т'ém и пудрýкаш'т'ém* [MS,t,48]; в. **подрукна**.

пýдро n 'ситен козметички прав што жените, поретко мажите, си стават на лице' ~ *нóго пýдро сă-пипéле тáа вáшта мóма, алúс бýл'те* [ПК,2(91)].

пудстрмин m 'кратко јаже закачено на долната даска од страната на самарот, што служи за товарење' – откако ќе се подигне врекáта и ќе се потпре до страната на самарот ќе се покрене *стрминот* и врекáта ќе легне. *Пудстрминот* личи на *стрмино*, само е помал: ако е самарот нов и *не е лигнан*, лесно може да се *праврате* односно да се *(на)стране;* за да не се случи тоа предните нозе од коњот се вовлекуваат во *пудстрмино* и самарот не може да падне]ТГ,420[.

пудсофа f 'дел од главната просторија во **анот (вид хотел)**' – на времето (пред Балканските војни), кога немало граница мегу Вардарскиот и Егејскиот дел од Македонија, стоката до Солун и назад се пренесувала со **кирации** и **арабации**. Бидејќи се патувало со денови тие имале "станици" – **анови** каде што ноќевале; од Гевгелија до Солун ги имало овие анови: *Стојаково, Нóви-Хан* (во близина на с. Калиново), *Јенешки-Хан* (во близина на с. *Инешево*, каде што се двои патот за Кукуш), *Женско, Али-Хозино, Три-Хана, Дудулар, Тумба-Хани* и *Солун*. Главната просторија на анот била поделена на два дела: *пудсофа* – широк дел во чија позадина имало јасли за коњите и за биволите, на другата страна што се вика *софа* се наоѓало огништето околу кое одмарале и спиеле кирациите]ТГ,430[.

пудсуке* pf. 1.'завитка нешто, пр. ракави'; 2. fig. 'започне заснлено да работи' (откако претходно си ги подвитка ракавите, за да не се валкаат) ~ *она си купила риба ми јангула,[риба ми јангула и зелен ми бардак,[и зелен ми бардак и пара јотрова,[она си е дошла уд нова пазара,[и се пудсукала, вичера да праве* [ТГ,99].

пудуéн* и: **пуддýјн** adj 'отечен, здебелен' ~ *ут-шó-ј тóлко пуддýјн тó нáшјо кумшúја: уд-рăкúи ли, уд-бóлис ли, кój знáа?;* ~ *то-шó-ј уд-рăкúа издýјн – пуддýјн мувúкиме нúă, пуддýјно мó-ј лúцто* [ПК,2(Грам–240)]; ~ *кă-мирúле, кă-мирúле – сéгде. "Сéа, рéкле, дéка дóјме? У-нă-дéуто кýјкăта к-óјме, притá пудуéнта". Măшчéăта и-вúка: "Елăте, елăте, елăте". Ма нé-нă нéа. Нéа а-зéва, а-клáва тáму, уsáди, кăј кукушáрнику* [ДК,121]; ~ *е, árно. Пу-нúкуј дéн вá măшчéăта сăублéкфа, ублéкфа и нéјна кéрка. Инă-пудуéна, инă-гнýсна бúла. Вáа бúла нóгу лéпа, чýпата* [ДК,120] – во контекстот правилото за удвоен објект не функционира, отсуствува личната заменската форма: **сăублéкфа, ублéкфа и нéјна кéрка** (м. 'ја облекфа'); в. **пудбýшин** и **пудбýкнин**.

пудýне* pf 'кога ќе се раздвижи воздухот, односно кога ќе се појави ветар' ~ *и сúчките отúдоха на хóро, и нáзи гиздавáта мóма и тjá дójде тáм на хóру. И играéха млóгу кату на Вилúгден. И на чесá пудý тúхан вjáтар, jýди са свúха сас вjатар* [V,PM259]; ~ *"Пýшчи, рăчéл, салупáтта". И пушчúл лупáтта, фăтúле дă-си-прáвăт мабет тáм. Ти кák-си, ти шó-си, сă-мабитúле двýјцăта и пудунáло нéко-вéтăрче. Ги-нусúл са-дéка-ј нáшта грáница, дóле, тугáј нéмише грáница* [ПД,146];

и: **по́дуна** ~ *ле́гнала-е Бе́са, мо́ре, за́спала,[пот-е́дно да́рво, мо́ри, ма́слинка,[по́дуна* (пишува: 'подума' – печатна грешка) *в'а́тар јутмо́ри,[скаршу́ла гра́нка ма́слинка* [ЛС(К),134] – во текстот среќаваме употреба на именка во служба на атрибут: **скаршу́ла гра́нка ма́слинка** (м. 'маслинова гранка' – образец позајмен од турскиот јазик).

пудупа́шник m 'колан што го поддржува самарот на коњот да не оди напред' ...; в. **пудга́зник**.

пудъ́ржа́ве impf 'дава подрашка' ~ *Къде са́ато три́ търгна́ме. Пра́во утка́де Ште́мница на-го́ре, да́ фъти́ме за-Кру́ша Пла́нна. Бъ́лгърската вујска́ фа́штат фро́нт на-Кру́ша Пла́нна. И-ви́кат: "Бига́јте, ва́а ве́чър гл'ъда́јте да-пуми́нте Кру́ша Пла́нна. Ни́а ќи-пудъ́ржа́вме о́гино на Кру́ша Пла́нна да-мо́жс да-ј-збе́ѓте пра́ку Димѝр Иса́р. Да-изми́нте на́мо́сто на Спру́ма". Да-мо́же на́ро́до са-исте́гле* [ПК,2(Пос–290-291)].

пу́-е́ндро adv, opp. на 'ситно' ~ *ама, пу-идна́ нидел'а ќи-по́чне цра́вче да-са-пујавуе е́ндра́чку и ќи-по́чниш пу́-е́ндро ли́шче да-дро́биш, пу́-е́ндро, пу́-е́ндро* [БМ(Стр),201]; ~ *до́лн'о: кра́ј на́-вър-те́нто, де́ка вър-те на́-ба́ба́та, са́-ви́ке бо́т. Ба́ба́та-ј пудча́рго, до́лу, о́на гу-дъ́рже вър-те́нто удго́ре. Сус-ба́ба́та гу-пуди́гнуват ка́мъно, гу-спуштуват, къ́кво́ са́кът бра́шно да́-ме́л'ат: по́си́тно или по́е́дро* [ПД,171].

пу́жа f 'женско се́ уште некрстено бебе' [ПД(117)].

пуж'а́ли* pf 1.'почувствува жал, сожали' ~ *изл'а́зи но́з д'е́н' ме́ч'ката да пасе́ и гу на́јди ма́лкуту там д'е́ пла́ч'иш'и, гу пуж'али́, си гу з'е́ са́с н'е́ја на ро́пката* [MS,t,16]; ~ *су-ришето и су-дъ́рмун не́-са́ пъ́лне во́да. Пла́че, чи́не, ви́ка, ци́ка – не́ма. Е, са́-субра́ле вра́пците, а-пужъ́л'а́ле ба́ба́та. Му-ре́кле: "Ба́бо, до́при ришето! Ќи-си-истре́симе ни́а тро́ пирду́фите, ќи-па́днът у-ришето, ќи-нъ́пъ́лнии во́да"* [ДК146]; ~ *човекот, кату чу така́, гу зема́ и киниса да гу ка́ра на дома́ му, зашто мло́гу гу пожали* [V,PM,8]; ~ *една́ дъ́ска и́маши под не́гу и си бо́риши сос стра́шните далги́ аф море́ту; и кату го ви́доха от дале́ку, гу пожали́ха, ча са́каши да си ода́ви* [V,PM,24]; ~ *дојде́ ста́рата самови́ла, га најде́ умрја́на, мло́го га пожали́ и не́ са́каши да га зари́и, л'у направи́ еди́н сандъ́к от зла́то, га кладе не́три а́ф сандъ́ко, га закара́ на́ вра́х една́ че́шма, га́ положи́, та́мо га остави́* [V,PM,133]; **2.** – **(са)** 'се ожалости' ~ *уврејнот речи, ча умрја синот му, фатил мајстори, сос чарна боја му почарнаха каштата, дури кирамидите, и млого са пожали уврејската каштa* [V,PM,238]; ~ *кату жал му падна, и станал, отишел у дома му пожален и на мајка му ја вел'аши: "мале, мила мале, динеска излезох сос јунаците и јазе да си радувам на ч'умбушут, но повики си пожалих, сиракот, зашто они си фал'аха"* [V,PM,196]; ~ *маштеа и, как пак ја виде, млогу са пожали, как пак жува да ја види. И пак млогу сос ум са вратјаши, как да најди колај, да ја погуби царјувата мома...* ~ *тогас то́ј, кату чу́ така́ от господа́рка му, мло́гу са пожали́* [V,PM,27]; **3.** – **(са)** 'се пожали' ~ *ути́ди усре́ди у-о́рмъ́нут ни́где* (некаде). *"Урви-са́ до́лу!", ве́ле. И му-зе́ва фло́ринут. –"Аман, ве́ле, што́ са́кăш зе́вај, устај-мъ́ жи́ва!" Мисичи́нта удри́ла, не́ма ни́кој у-о́рмъ́нут де́ка дъ́-са́-пужа́ле. –"Мисичи́но, ве́ле, би́ди сфе́дук ти́!"*

[ДК,139].

пуж'ал'о́ва impf, в. **пуж'а́ли** [MS,-s,95].

пужи́ви* pf 'помине дел од животот' ~ *не́ е ма́лце, брат, три̏йсăт-гуди́ни да не́-са-ви̏јме. Ним-са-секи́рај, не́ма да-си-о́јш о́ште-ва́ нидя́л'а, у-нидя́л'а-ј про́чка, не́ка пуми́нат дя́нуфте (празниците), ки-пусе́дме кăту-бра́т и се́сра, ки-са-пужи́вме тро́шкичка, ним бе́ри гаjле́ за-та́мка* [БМ-(Сар),203].

пужлăт'а́ва* impf 'станува жолт, пожолтува' ~ *гу дрăж'ими три дни на с'ăнка, пуж'лăт'а́ват хубав'а дрăнu'е́ту* [MS,t,5]; ~ *пуж'лăт'а́ват листа́та* [MS,s,95].

пуж'ăлти* pf, в. **пужлăт'а́ва** ~ *"т'е́ - că сафи́ зла́ту!" ... "да́j да ч'о́пними иди́н да ви́дими и т'е́с такфắ-că?" ч'о́пнуват иди́н, пуж'ал-т'а́ кắш'тата* [MS,t,86]; ~ *слăнцăто си грăло и că правило, чи ни ă глăдă, тă că вăртăла по нăго, и от много вăртăнă около слăнцăто и мăкă пожăлтăла та станала китка слăнцограв* [V,PM,288]; и: **пужа́лте*** ~ *али́с пипо́н се́-j чини́л, ка́-j пужăлте́л* [ПК,2(151)].

пу́зад prаер 1.'кога нешто е назад -- зад' ~ *уф-Нимáнци* (село на север од Кукуш), *тáм г-утипáли Тýрцте нă-Милáн, нă-Гóце Дéлчув брáт-му... нéли кумúти, прăшéтуват тáм вéчăр, вéчăр шéтат. Кá удделл, ká чинвáл, нéкуj Тýрчин излéгăл. Он пă пýзăт-кáмино сăкрijáл, Милáн. Тó пýсти Тýрчино, ká фăрлúл прáво г-удрúл уф глáвата* [ПК,2(256)]; ~ *сéтне адна бáба нajдéла аднá дaлáнка, гa-зимáла та: дaлáнката -- кăрáла крáвата. Та: дaлáнката га-зимáла, дóма гa-клáве. Дóма гă-клáве пýзăд-врáтта. Ими та: дăлáнка мóмата бúла. Сéтне ká-ќ-удделa бáлта да:-искáре крáвата, таа сè ќи-исчúсте* [ПК,1(260)]; – ако некое дете е немирно мајка му ќе го скара: "*Ама ја го дедо Божиќ пузад вратта! А ко та чуje, ки са нал'уте, па утре не ти донесуве ништо*"... [ТГ,84]; – **2.** 'кога нешто временски е многу близу' – кога ја носат постелнината на Вардар, каде што ја *чукат и низ вода пуминуват*, секој знае и кажува дека *панаѓирот* пристигнал и дека е *пузад врата* (во близина) [ТГ,218].

пузаднúна* f 'она што е останато назад, како резерва' ~ *а пă-тúй тýка зăпнéли уф-кăштте тéрат jăдéне, тéрăт пáри, нúа дă-jм кáжме, áма нúшто гăрчки нé рăзбúрме. И сéтне устăнá ф-сéлто едúн такóв, штó-j пузăдúнта, убóс пу-стáро сă-вúкше* [ПК,2(Мор–223)].

пузаjме pf 'земе нешто со намера да биде вратено, позајми' ~ *она тргнала сусе jарци, сусе кози да оде на jазлăк, да летуве уф планина. Идеќи пу пăтут се си пракажувала: "Трш, jаре в планина! – Серем се Сечку на брадина!" – Сечко ка чуjуве, му паднало криво, па си утиде пра Баба марта и фати да и са моле да му пузаjме три дни он да владеjе* [ТГ,13].

пузвуле́ние n 'дозвола да се стори нешто' ~ *"ки-му-кájш, áку сáке цáро дă-тă-зáпре, jáс нé-сум сáмо зă-твójо грáт дóктур, нéгу сум зă-цéл свéт. Мóже д-úма и нă-дрýго мéсто тăквó дéте, дă-гуизл'ăкýвум. Já нă-мéне пузвуле́ние дăстáнум, дă-стáнум дă-си-óдум"* [ПД,148] – во текстот имаме уште еден аргумент за тврдењето дека во југоисточните говори сèуште егзистира адверсативниот сврзник **него (негу)** паралелно со 'туку': *нé-сум сáмо зă-твójо грáт дóктур, нéгу сум зă-цéл свéт* ; за ова в. во

граматичкиот дел.

пуздра́ве* pf 'кога некој со зборови или со друг гест покажува почит кон личноста што ја среќава' ~ *сă-свăл'у́ва нă-до́лнăта зе́мна. Кă-сă-свăли́л нă-до́лнăта зе́мна, уде́л пу не́куа пăт на́ис-плăни́нта. Нăо́ји́а та́м ана-ба́ба у-ана-кули́пка. А-пуздрăви́л ба́бта, а та́ пăк-гу-пукăни́ла дă-вле́зе у-не́јнта ку́ј̀ка* [ВВ(Кр),311].

пузилине́е pf **1.** 'ја промени бојата на зелено, стане зелен'; **2.** изр.: **пузилине́л куту гури́да** (= се кажува за човек што е многу налутен) ~ *дуј̀де́ ръ̀стре́син, пузилине́л куту гури́да, нă-мо́јш ла́ф дă-му-ка́јш* [ПК,2(189)].

пузнају́ту adv 'забележливо' ~ *ридиштта и долиштта сă јзрăмнувăт и кăту рăмнинă (јаваш-јаваш), не пузнăјату се спушкăт нă долу* [МЕ(Р),79]; сп. **не́ пузнају́х ка́ стигна́х ду ту́ка** (= брзо дојдов) [ПК(Мор)].

пузнају́т* adj 1.**'известен, значаен по нешто'** ~ *Постул му ј чифлик на тримина: два бези Турци и еден чифутин – пузнатјут Саул Модјано* [МЕ(Р),83]; ~ *имало блато, шо му велјăт "Кангăличко блато", ама то и помалечку и не е толку пузнато* [МЕ(Р),77]; **2.** 'тој со кого се познаваме' ~ *ка сă сфăрши́л сии́рот, да ки ста́нат ки си уде́ле, де́тито Исус устана́ на Јерусали́м; Јо́сиф и Ма́јка му не знају́ле. Трачи́а шо би́л су дружи́ната на́при, уди́ле бају́ виздéн и гу пáлаа на рудни́нити и на пузнају́ти л'у́ди* [MV(K),308]; како именка, **в. пузнајник** ~ *он не́ бе́ши ви́дело, туку́ да на ка́жи за ви́дело. Шо и ви́дело исти́нцко, шо му сфе́ти се́кој чо́век шо и уф инса́нот, бе́ши на инса́нот, и инсанот зарди не́го са чини́, да не́ гу пузнају́ле, на пузнају́тите дојде́ да не гу прибра́ле* [MV(K),251].

пузнајник* m 'близок, познат, пријател' ~ *не е видел ништо от шо му-ј најмило на дујната: родроднина, пузнајници, другаре ут дитинството* [МЕ(Р),68].

пузăва́ркуве impf 'позабрзува' ~ *ка́ и́де на кăд-до́ма бăја́ пузăва́ркуве* (аргументот се однесува на домашно животно) [ПК,2(91)]; в. **пува́рке**.

пуигра(а)* pf **1.** 'игра за кратко време (во случајот оро)' ~ *пубратимто* (на младоженецот) по вечерата одат на "машката" свадба, *малце да пуиграјат* [ТГ,173]; ~ *Ќуте́к, ќуте́к, гу-спрусти́рăт нă-вăлко, гу-ма́нат на-тăка́. Е сјáа, ура́чо ви́ке налиси́цта: "Шо́ са́киш нă-те́п дă-тă-пудáрум?" "Не́јкум ни́што, са́мо ќи-ми-да́јш адна́ ква́чка ус-дванајсе пили́на, дă-си-пуигра́м ус-ни́х ма́лко"* [ПК2(Ним–266)]; ~ *на́м, утта́м, дур да-са-напра́ве нивéстта азăр, свире́ја, игра́ја, ајд туварија ръ̀бо́тте. Утта́м кинисája, на-цăрквăта ути́дија. Са-извинчája у́бву, нивéстта дăрува́. Утта́м, си-дуј̀ди́ја ут-цăрквăта, пуигра́ја на-гу́мнуту тро́* [БМ(Цр),206]; *"А-бе́, ве́ле, де́до шо́ та́а лиси́ца пу-тебе о́де?". "Остај, о́стај ба́бо, та́а лиси́ца, сјáа ни́а ќи-ј да́јме адна́ ква́чка, ве́ле, ус-двăна́јсе пи́лци дă-си-пуигра́а ус-не́а"* [ПК,2(Ним–266)]; и: **поигра*** ~ *еден ч'ул'ак изл'авал много пăтјă на едно мјасто с трамбула, да си подрăнкува. Еднач, като си там дрăнкал, ч'ула го една змијă и изл'ала да поиграја* [V,РМ,282]; ~ *"от што му са ви́де на ни́х и на́ доби́ците кајди́ата ми ха́рна, фати́ха си́чки да и́грат. Се́тни ја́зе што кабаа́т и́мам?" Тогáс кади́ата му најде́ на не́го пра́вината и му ве́ли: "сви́рни ма́лко, и ја́зе да пои́грам со́с моја́-*

та кадѝјка!" [V,PM,127]; **2.** 'стапи во љубовна врска' ~ *тогај бабата гојори на куконата: "е!, џ'аним кукона јаз, да сам кату тебе млада, тос јунак, што промина от тука, го викнувам еден веч'ар да поигра с него!"* [V,PM,165].

пуидѝн (< **пу идѝн**) **1.** num 'еден' ~ *прумина́ пуидѝн м'ájăнц, си дójди и ч'урбаџ'ијата у зурта́* [MS,t,17]; ~ *прумѝна пуидѝн сáт'; т'á пак вилѝ: "тóс ч'ув'ăк, áку ни знáі да вр'ăі , јаз за сă уб'ăса"* [MS,t,30]; ~ *стáнаха хазăр', фл'ázуха у пујна́ вáрка и трăгнаха* [MS,t,68]; ~ *з'éвами лóзит'ą и т'é сă удбирáни пујна́, пујна́, с'é рáвни лóзи* [MS,t,3]; ~ *пу-идѝн м'ăјăнц двá* [MS,s,92] (приближните броеви *идѝн* и *двá* ги среќаваме одделени со именка, освен тоа во последните два контекста предлогот **пу** може да се сфати и како посебна говорна единица); **2.** prop: 'некој' ~ *трăгна утýк, утѝди и т'á у Сулýн; пи́та на киш'énу-духијуту: "такфóс пуидѝн ч'ув'ăк ни прумина́ утýк?"* [MS,t,29]; ~ *си вил'áт ч'убáниту: "да пójми пуидѝн д'éн' да гу фáтими тузѝ д'ăтинци"* [MS t,16]; ~ *да гу ни утфóри пуидѝн* 'да не го отвори некој'; ~ *утѝди ... нájди пóпут и гу пăта : "ѝмати пуидѝн хѝтра Пéтри?"* [MS,t,75]; **3.** 'некој' (било кој) ~ *"и ш'то прáви там нáс мóма?" – ја пи́та бáбата; – "мумáта тáм ја-д'é, пѝј сăс измикáркит'ą, ни мó-ж'и да пój пуидѝн ни́ту пи́лă биле"* [MS,t,21]; ~ *изваж'да нóж'у за да гу закóли; и тój гл'éда, н'éма пуидѝн наóкул* [MS,t,18]; ~ *кóн'у сă плáш'иш'и ут с'ăнката-му и пуидѝн ни мóж'иш'и да гу прибли́ж'и* [MS,t,59] (= никој не можеше); ~ *ја затфóри фóтуграфи́јата у идѝн дулáп ... ја закл'ýч'и и устáви васајéт на жинáта-му, тóс дулáп да гу ни утфóри пуидѝн* [MS,t,9]; ~ *д'ăт'ąту и ж'инáта-му сă синуисувáт: "за стóрими идѝн будрýм, пуидѝн да гу ни знáј"* [MS,t,12]; ~ *си вилѝ: "ут н'ăсă пóхубаф д'éн' ни мóга да нájда ... пуидѝн н'éма да м'ą вѝди, да трăгна кусим'ó да вѝдими за дójди кóн'ч'ąту?"* [MS,t,33]; **4.** 'некаков' ~ *гу пи́та паш'áта "хѝч' ни вѝд'ą д'ăгунд'ą пуидѝн вóгни?"* [MS,t,54]; ~ *Прул'étнаха ут Кириѝт кутý пујн'é пилцá и ш'ту имáш'и сф'ăт пу рáбута, ш'и́ч'ки си устáнаха пухáхани* [MS,t,58]; **5.** 'нешто' ~ *"на м'éн'а ми клáди идѝн трăн, на н'éја, кóгу знáј, пуидѝн какó кóл и клáди!"* [MSt,78] – во контекстот среќаваме употреба на формата за директен објект: **кóгу** наместо номинативната 'кој'; **6.** изр. **пујнó вр'ăм'ą** (= во минатото, некогаш) ~ *пујнó вр'ăм'ą и бѝл идѝн ч'урбаџ'ија и такш'идéпсувал ут с'éлу на с'éлу* [MS,t,9]; ~ *идѝн и утѝвал пујнó вр'ăм'ą за да рáбути* [MS,t,18].

пујáвуве (са) impf 'се покажува, се најавува' ~ *ама, пу-иднá нидéл'а ќи-пóчне црăвче дą-са-пујáвуве éндрăчку и ќи-пóчниш пý-éдно лѝшче дą-дробиш, пý-éндро, пý-éндро* [ЂМ(Стр),201].

пујáта f **1.**'просторија во која се чува стока' ~ *то-ј зградичка нăправăна дéка живéе гулéмта, édрата стóка, уф ąтáро на кăштта, мóже и пóдалéчко; пујáта-ј шóм живéе стóка, гувéцко, мѝсл'ум, стăвéло* [ПД(126]; сп. сеќавања на информаторот за стопанскиот живот во Кукушко, меѓу другото го објаснува и називот **пујата** ~ *си-викáли: "Аа-а, ни́ą тýк нé-сéдме, ни́ą ќи-ш-ójме дóма"...нáшо*

тáтко ду-вáдин, ду-дéк умрé, óч сè лáгише Кýкуш, сè ќи-ш-óјше нă-Кýкуш, нé тýка, нé тýка, нé му дáј дă смúсле. Сáмо Кýкуш ќи-ш-óм, уф-Кýкуш, вúќше, Кýкуш и дрýго нúшто. И нă-мужé д-óде, тýка си-умрé. И ус-Кýкуш нă-ýстта сj-умрé. Имáли тáм нóго гулéми двóруве, ýбуви. Шéјсе глáви гувéда јáс пóмнум уф-двóро сăс-тéлци кá úмăхме. Ќиспáднат ут **пујáтта** *прáво сj-óот, си-пáсат, бес гувидáр, нúкăкоф гувидáр пу-нúх, нúкăкво, нúшто* [ПК,2(Пос–293)]; ~ *уднăтре имáја: тримóј, удáј, чăрдáци, мутлáци, ќирáли, мусáндри и дулáпи. А уднáдруф: гулéми двурój, ăрój, пујáти, кучúни, плéмни и гулéми ăмбáри* [ДК,154]; **2. од Гевгелиско (кај Иванов)** – **пујатка** и **пујата** 'широка стреа, откриен трем, сушилник, место за одмарање, чардак' [ИГ,127]; слично запишавме и ние при истражувањата од Кукушко: ~ *сýшина ду нéкуј сúд, пут-срéјте, зă стóка* [ПК,1(91)].

Пујáцка Рéка top. 'место покрај река во с. Николич, Дојранско; порано тука имало **пујáти** (простории во кои се чувало стока)' ~ *гувéăта ги-збúрăме нă-еднó мéсто, нă-Збирáлто, и ут-тýка пóсле ги-нóсăме нă-Сýјте Чéшми, Ќиќмци, Сýа Рéка, Пујáцка Рéка* (имиња на места во околината на споменатово село) [ПД,156].

пýјка f, zool. **1.** 'мисирка'; **2.** fig. 'навредлив збор за неснаодлив човек' ~ *ká-а нăвидéл тáа глáфта алúс пýјка; кут пýјка нă-мóже дăсă-снáјде* [ПК1(91)].

пујрá (и: **пóјра**) f 'долниот, тесен дел од **буката** (= корито низ кое се дотерува вода во воденицата), кога излегува водата низ **појрата** удира силно во **колото**, коешто го врти воденичниот камен' [ПК2(87)]; ~ *пу-н'о пумúнуве вóта. Дујдýве дутăрáк – тúă-сă нăрéдăни прăчки кój-шо-зăдăржувăт дă-нé-флéзе уф-бýкăта ѓýбре, грáнки. Пóсле удбéнто, прăку-тăрáко флéве у-бýкăта. Бýкăта дóлу тéсна-ј, тá сăвúке пујрá* [ПД,171].

пујнóш' adv 1.'понекогаш' ~ *"јáс му дáдух инá гăска, да ми спич'é, ... и ми вилú, ч'ą прул'éтна, хúч' пéч'ина гăска прул'éтнува пујнóш'?!"* [MS,t,57]; **2.** 'еднаш' ~ *за ми дад'éш' идúн дисájќ парú да да јáхна кóн'ч'ąту да да си прим'ăн'а пујнóш'* [MS,s,92]; в. **пуќин**.

пукáница f 'шум од пукање' ~ *уд-дéк úде тáа пукáвица кój знáа!?* Сп. и: ~ **пукутéница** *сă-чý кăд-вáс снóшти, сéтне и áдна шăмăтá, шó бúше тáа рăбóта нé-знáм* [ПК,1(91)].

пукајáн* adj 'тој што изразува жалење за некоја лоша постапка' ~ *тукý ки дójди врéмито, и сéга-ј, óти тúи прáвинти пукајáни л'ýди ки си пукланýат на Тáтко су сè сăрци и прáвина; óти и Тáтко такфúи пáла шо си пукланýат на нéго* [MV(K),256]; ~ *Ету јас ки пýштам Ангелот мój нáпри на тéб, вó ки испрáви пăту-ти при тéбе. Глáс вел'áла уф пусталúа: Исправéјти пăтут Господúноф, рáмно чинéјте пăтúчкити нéгува... и да кажýва крăстéнио пукајáн да си мúи грéхови* [MV(K),307].

пукајáние* n 'изразена жалост за некаква лоша постапка' ~ *такá му бéши писáно да си чúнат сúти шо бéа писáни на М... нóмото и на Профúтити и уф книгити зárди мéн... óти такá му бéши писáно, и такá му бéши да си мăчи Христос, и да си прикажýва пукајáнито на л'ýдито* [MV(K),260].

пукајáчка* f, в. **пукајéние** ~ *такá му бúло да сă мáчи Христос, и да ужúвéи ут умрéш на трúта дéна, и да си прикáжи на нéгувуто úми пукајáчката и простéнио за грéхови на сáто инсáн* [MV(K),335].

пукајне* n 1. 'кога пука пушка или др. оружје' ~ *едно-врéме пукнá идна бóмба. Су-пукáјнто бóмбăта нúе видéмă плáмин са-дигнá, свéтло, и пучнáа пýшки, шмáјзери да-пýкăт* [БМ(В),191] – в. **пукавица**; **2.** 'кога од пченка (посебен вид) на огин се пржат пуканки *(шапки)*' [ТГ,347].

пукака* pf 'посере' (детски израз) ~ *кăци, кăци, баба! – баба прела две клупцијна,[да и клала на бочвата,[дошло јаре пукакало* [ТГ,118].

пукалнáнт adj 'тој врз кого "има фрлено клетва", проколнат' ~ *тáтку м'ą имáш'и пукалнáнт, да бúх стáнал магáр'ą, с'ă м'ą прустú тáтку* [MS,t,55].

пукалн'é pf 'упати клетва, проколне' ~ *"á за т'ą пýсна сигá, амá гл'éј, да му ни фт'éсаш' на тáтку-ти, да т'ą пукалн'é пак да стáниш' магáр'ą!"* [MS,t,55]; ~ *как вúд'ą ч'ą такá стáна, гу пукăлнá Крáл'у Мáрку, му р'éч'и: "тузú, ш'ту ми гу стóри ни на Бóга дýш'а да да-д'éш' ни на з'ém'a кóкал да кла-д'éш'!"* [MS,t39]; и: **покăлне*** ~ *га глéда лáмјата, чá лúпса едúн дáл сóс дéсет јáбăлка, сákаши да пýкни и гу покăлнá такá: "áх Бóже, кój искинá далóт сóс дéсетјá јáбăлки? Ако е жéна, мăж да си чúни, и áко е мăж, жéна да си чúни?"* [V,PM-113]; ~ *го ударила јаче по рăкăтă с-једно даро. Детето зело да плаче. Мајка хи как ч'ула, излела та ја поклела и рекла: "Дано, керко, да сă хич ни навревиш, и на животе си дете да не видиш!"* [V,PM,292]; ~ *мајка хи сă разбол'ала и ја праштала да хи донесе вода студена. Тја ни ја услушала. Тога мајка хи ја поклела и рекла: "Да сă, керко, по кăштите навăрташ и да сă л'у жалиш, чи ни ма си слушала!"* [V,P-M,292].

пукане* pf 'упати покана (пр. за посета)', в. **пукăнýва** ~ *дудéка дą стúгнąт ду-нéго, углąднéле и нóго са-измурúле. Прăд-грáтските врáти ги-срąтнáл едúн стáр чувéк и ги питáл дéка óдąт. Стáрąцо тугáј ги-пукąнúл дą-дójдат при-нéго дą живéąт* [ВД,277]; ~ *цáрут дáшăл зăпувéт д-óдăт сăти тáму дă-прáвăт гóзба, дă-сá-гóстăт. И-пукáнăл сăти сéла. И óни сă-ублéкле, сă-стурúле* [ДК,120]; ~ *е, вó нáшту дéте Мú- ци па муса-згудúл никуа-бăлтújка прит-нéгу, тá фóртумта а-сичúл. Вјáве Марýшка унăтре, кój ки-а-фáте – пá Нýла. А-фájке Нýла – уд-зéмин а-стăркал'ála у-тá кáлта. И тăкá вúке са-влизéле унăтре, не-и-пуканúле* [БМ(Цр),207]; ~ *árнo-āма, ăднó дéн тáткo-му нă-дéјто зăфăтúл дă-си-ăзăрúсýва и ут-кă-бéше сè ăзăр и-пукăнúл сăте сил'ájна и нăпрăвúл ăднá ýбăва гóзба* [ВЕв-(Кал–293)]; ~ *пą-вúкą: Нé-е твá јáдини зą-чов'áко, зą-ąлúштатą си. Сти ọбл'ачąн. Ас квą-дójдąх нúкoj не-ме-пoкáни, сéą зą-ąлúштатą мекáнити", вúкą. "Aj дoглéдани"; си-зąмúнąл* [ЛС(К),120].

пукáнет adj ~ *ут-кă-бéше сè ăзăр и-пукăнúл сăте сил'ájна и нăпрăвúл ăднá ýбăва гóзба. Зájдно су-силјáнта бил пукáнет и пóпут* [ВЕв(Кал),293.]

пуканувачка* f 'покана' ~ *пуканувачката на Г. Лавров за ва работа, на коа му са каних јас оша утдамна* [МЕ(Р),70].

пука́чуве (сă) impf 'оди нагоре', и **пука́ци (сă)**, сп.: **по́вут** 'растение, *то сă пувúве пу нéко дăрво, сă пука́чуве, цăфте бéло цвéтче и фúно мирúсе*' [ПД(123)].

пука́ш'та (са) impf 'се искачува'; ~ *д'ăт'ату пак стáнува нóс в'éч'ер ... са пука́ш'та пу скáлата на гóр'ą, как си утúваш'и с'é* [M-S,t,22]; ~ *тóс сă пука́ш'та на врăх µ'амíјата ... сă фăрл'а ут µ'амíјата за дóл* [MS,t,56]; ~ *и сл'áва тój ут думá; андúс да пój на теáтруту сă пука́ш'та гóр'ą на бр'ąстó* [MS,t,21].

пу́ке (и: **пу́ка**) impf 1.'стрела со оружје, пр. со пушка' [ПК(АЌ)]; ~ *пу́ка сăс туфéјќ* (= стрела) [MS,s,93]; ~ *кă-дујдé Пúо, ăднó Пúо, ăјдýт е тó, чýкăт нă-пóртăта, нé-утвáра... Кó и-глéда чéтникут зăстăнáт су-пýшката тăкá зăтскриéно и утвáра ут-гóре су-пýшкăта. Гóре пăтóн úмăше. Ут-пăтóно фăтú дă-пýка. И утвурúја óгин* [ВЕв,299]; ~ *Стипáа-се тáм. Пучнáа вујнá... пучнáа тúй тóпуве дă-пýкат уф-сéлта, запáл'уват сéдбите, жúтта. И тăвá пóл'то стăнá, Сулýнцкото Пóле, кадéш цéло* [ПК,2(218)]; ~ *кá бигáме, уд-Нимáнци кá излизéме нúй уддéме нă-нáшто сéло, нă-Плăнúца. Плăнúца пóнăтăкá е, óна нé бúше зăпáл'на. Си-пуминáме, вујнáта сă-бúт дóлу нéл'. Нúй биз-вујнá бéгме. Пу-нáс нéмше дă-пýкат, áма пóл'то гóрише гáре* [ПК,2(250)]; **2.** 'памукот кога созрева чашката во која стои се отвара и се кажува дека **пуке**' – *на Ѓургевдин има обичај да се оди в поле, да се направи л'ул'ка од јаже; се л'ул'ат обично децата и младите, но се случува на лулката да седне и некој возрасен и тогаш кажува: "да са зал'ул'ум, да ми бубаќ пуке"* [ТГ,70]; **3.** изр.: **пу́ке уд ма́ки** (= многу се јадосува) ~ *и вúке: "Ајде мăр, ут-кóга си-удéна". Тáа мóмичкăта рéкла: "Еми мáле, чéшмата дăлéко-ј". "Е-шó стóмната нáчнина?" "Сă-нăпú аднá стáра бáба". Мóмичката гувóре, уд-ýстта сè стрéбро и злáто и излéве. Еми, тáа пýке уд-мăки* [ПК,2(Крец–302)]; **пу́ке дăрво и ка́мăн** (= се кажува за зимно време кога ќе фати голем студ) [ПК,2(189)]; клетва: **пуки да пукниш** (= јади и од јадење пукни, умри) [ТГ,320].

пу́кне pf **1. в. пу́ке 1.** ~ *едно-врéме пукнá идна бóмба. Су-пукáјнто бóмбăта нúе видéмă плáмин сą-дигнá* [БМ(В),191]; ~ *И мójто тáтко, тувăрúме, чинúме и сăбáјлинта мájка ќи-нă-јспráте дéцта, кá ќи пýкне гăрнáтта прику кăштта и вăлóвто, адúнјут нă-гóре, адúнјут нă-дóле о-уднисé* [ПК,2(Иц–282)]; **2.** 'кога ќе се скине кората од рана, пр. од чир и ќе истече гнојта' ~ *и рибата гу зема пак на гăрбо и гу промина оданат. И л'у дојдоха на крајта, тојнака от страх га удри рибата сос папуцут на гăрбо. Раната оној час пукна, и уздравјала рибата* [V,PM,100]; **3.** 'умре неочекувано, од преголеми напори (физички или психички), односно од урок – суеверие' ~ *"сă размислих за братовите ми малечки и за брат ми и за снаха ми. Скоро да ми носиш на брат ми, зашто ќи пукнам"* [МС(В)96]; ~ *един ден са субрале сите жита. И дудека си фал'аа сите заедно,... белото просо ... и им рече: "Мулчејте, мулчејте, ајнаци ценабетлер! Трабуве една гудина чувек да чека, па така да му дајте леб... Ама јас! – За 90 дена никнувум, израстувум и леб дунесувум". И чиницта и ичуменут и ржта, ка чујаа вија лакрдији,*

толко са устрамија, дури на среди пукнаа уд мăка [ТГ,343]; ~ *нóс кóн', ш'у јáхаш'и д'ăдуту, пáдна на пăнт'ут, пу́кна кóн'ут* [MS,t,80]; ~ *јáс за ти дăм идúн кóн'у тук да јáхниш' , кóлку мóж'и да трач'и́ и д'é за ти пу́кни кóн'у, друк за ти дадáт* [MS,t,19]; **4.** 'се измени, се претвори во нешто друго' ~ *сăбáлинта ќи-спáдне цáро нă-лóф. Оде, сă-шéте нă-ту́к, нă-тáм, адно врéме кá сă-пуштýве нă-кăт гóрта* (коњот). *Зăмúнуве аднá тýмба тóо ајгăро, кóјно, пукнáл, сă-стуру́ве аднó дéте и úде си дóма* [ПК,2(Ним–270)]; **5.** изр.: **пу́кта жéга** 'летно време, кога ќе фати голема жештина (околу пладне)' ~ *дéк ќ-óјш уф-пу́кта-жéга бáш; чéки нéк сă-рăзлáде мáлчко бăр. Пу́кта-жé-га-j уф-жéтва врéме, нă-плáднина* [ПК,2(92)]; **пукнá тóпо** (= се кажува кога ќе се заврши некоја важна работа) [ПК2(149)] – веројатно потекнува многу одамна кога важните настани (почеток, односно крај на воен судир и сл.) се соопштувале со пукање на топ; ~ **пу́кна ут инáт'у** (= цркна од злоба, од инает) [MS,s,93]; **му пукнá злáшката, отúде на дjáвола** (= умре од нервоза) [V,PM,117]; **ут-кăт гăзо дă-си-пу́книш** (= кога некој премногу ги нервира другите) [ПК-2(207)]; **да пукниш булеки!** – клетва (= да умреш); со исто значење: **пукнале да сукните!**; **дă-пу́книш, д-у́мбриш** [ДК,107]; сп. уште: **испукале и изгибирисале!** [ТГ,122].

пу́кница f 1.'јадење' ~ *зă-јáдинто ви́ке пу́кница мáјкăта, кá сă-л'у́те нă-дéцта;* [ПК,2(92)]; ~ *сáмо зăаднá пу́кница рăмбиме, зă- дру́го динáр нé устáнуве* [ПК,2(189)]; **2.** fig. 'јад, мака, тешкотија' ~ *уд-ни́х пу́кници сă-напăлни́х: цéл живóт сáмо пу́кници... árно не сум видела, ќи* [ПК,2(92)]; сп. уште: **пу́кници збúре** 'се секира' ~ *мáјкта-j сáмо пу́кници дă-збúре* [ПК,2(190)].

пу́кнува impf 'умира од преголеми напори', в. **пу́кне** ~ *пáж'да и дру́гајут кóн', пу́кнува* [MS,t,80].

пукóрин adj 'тој што е помирлив, што ги избегнува конфликтните ситуации' ~ *дă-вéдиш глáва, дă-си пукóрин, дă нé сă-кáриш, ус сúте да-пумúнувиш* [ПК,2(183)].

пукрáj prаер 1. 'во близина на нешто (односно на некого): до, кај, крај' ~ *гу з'éват прóс'ąку, гу закáруват гóр'ą пукрáj цáр'у* [MSt,24]; ~ *утúди гóр'ą пукрáj игýмину, гу пúта: "уд'é си ти? ут кутрú манастúр?"* [MS,-t,45]; ~ *и си дójди дóлу пукрáj манџ'ó-ји и манџ'ó-ји си дójди, гу калосурúса* [MS,t,35]; ~ *и си вилú: "спулáјму на Гóспут', тóс в'éч'ер сă óш'-ти тýк, ýтр'ą за си пóда думá пукрáj тајфáта-ми!"* [MS,t,42]; ~ *амá инá бáбич'ка ја пузнá мумáта, заш'тó утúва д'ăт'ą пукрáj н'éја* [MS,t,22]; ~ *грáмнува цáр'у идúн камш'úк на гул'áмит'ą з'éнт'уфци: "дóл брé кérати у кукуш'кáрнику в'ä прил'áга вáм!", си гу запúра Ќел'éш'у гóр'ą пукрáj н'éгу, кутý цáр'* [MS,t,37]; ~ *за инá гудúна н'éтр'ą сă науч'и́ да псáла и сă врна пáк дójди пукрáj цáрувáта мóма* [MS-t,27]; ~ *ја цал'уват, се пруступат,[ред си чеке млади Стујан,[ред си чеке да-а цал'уве,[да цал'уве, да са просте,[не му дават нејни браќја...[си испадна и уд цркви,[си утиде ду то стадо,[да гу пасе пукрај село* [ТГ,202]; ~ *идúн трăн и клáва у гансóт на мýхата, ја м'éтнува и н'éја пукрáj арасланут* [MSt,77]; и: **покрáj** ~ *отúде покрáj*

морéту, најдé едúн гимициа, гу пазари за да гу закáра на еднá касабá кату на Шам [V,PM,8]; ~ *покрај морето са седјали два базирґани и еден крапачин, трите на бун се зборили* [V,PM,242]; ~ *пил он тамо вода, и заеднош са чини елин сос големи рогови. Тогас тој елин и сестра му излезоха долу у рамно поли, најдоха една чешма, покрај чешмата имало еден гол'ам брјаст* [V,PM,240]; ~ *кату познá сáм, ч'а ки ýмри, викнá детето покрáј нéгу и му вéли: "а бре сúнку, глéдаш ли, јáзе веки ки ýмрам"* [V,PM,7]; ~ *донели софра на цар'увата керка, седна сос мајка и да вичерат, и тојнака седна покрај неа* [V,PM,34]; **2.** 'во споредба со' ~ *да видите авџиолиата, што утепа филдишите и фил'ут, он је јунак на земјата, та аз покрај негу не сам ништу!* [V,PM,44]; **3.** 'освен' ~ *у-идну-тýрцко сéло идну-гáзда пу-úме Мустăфá, пукрăј друк дубúтук имáл и иднăмăлáчка. Су-нéа жúвăл и си-и-ранăл дéцăта су-млéко* [ДК,154]; **4.** 'наедно со друго' ~ *и т'é му р'éкуха: "јáла! сирмáси снú, н'émами другá удајá пóвики, амá пукрáј нам прóмин' и тú!"* [MS,t,15]; ~ *утúди тáм на инá кăш'тичка, с'ад'áш'и инá бáба и вилú: "бáбу, јас úш'та да с'ăда пукрáј т'éб'а!" ... двá, трú днú с'ад'á тáм пукрáј бáбата* [MS,t,21]; ~ *и цáр'у гу пýсна на бахч'áта да рáбути пукрáј бахч'иванц'úјата* [MS,t,33]; ~ *на-стр'ăш'та имáш'и инá мáндра; ч'убáниту уп-стр'ăш'та ги гл'éдаха пукрáј мéш'л'ăнтáта ч'а úма и инó д'ăтинци* [MS,t,16]; ~ *и т'á имáш'и мáлки мéш'л'ăнта, ги дујáш'и; пукрáј н'éјнит'а ... гу дујáш'и и мал'éч'куту* [MS,t,16].

пукри́ва impf 1. 'кога врз нешто се става покривка' ~ *"м'ен'а мајка м'а úма науч'éну сăс лúрину јорган да м'а пукрúва"* [MS,t,50]; ~ *му-виле́ле: "Брáт брáт нé рáче – тéшко тó шу-гу-нéма!" И тó шó прáве идну-дéн? Зéва идну-óвен, у-зăкóл'ва, у-пикнýва у-úзбăта дóлу, гу-пукрúва* [ДК,152]; ~ *стáнува ж'инáта-му, клáва идúн прускéфал дóл јургáн'у, гу пукрúва дур гóр'а* [MS,t,13]; и: **пукри́ве** ~ *дăбуви кóлуве, сă зăбójцăт уф зéмăта пуд вóта и пóсле ки сă нăрéдăт купи кăшча. Кá ка чăтúсиш ус читúри кушéта, сă пукрúве уд гóре* [ПД,128]; **2.** 'става покрив на куќа' ~ *не а пукрива и не а чинă миримет сăтă кукјă и тăка тро пу-тро а устава тикмилј да сă дутурă* [МЕ(Р),86]; 3. – (сă) 'кога некој си става наметка, се наметнува (со нешто)' ~ *кепе... – покрива, штоту са покриват чобаниту, кога дăжди* [V,PM,33]; **4.** 'се простира' ~ не *ув блатцкјут урман, шо е припăлнет су вода, ами ув врежут, шо гу пукривише поjто* **[МЕ(Р),77]**.

пукривајне п'кога врз нешто се става покривач, во случајот вел со што се покрива лицето на невестата' – во неделата пред свадбениот церемонијал младоженецот невестата ја дарува со: *џубе свитини* (од чоја), *пуставено сус лисичини* (кожа од лисица или од нешто друго), *папуци пăлни* (пишува: *плăни*, погрешно), *шикер, чурапе, каврак за клајнајне, каврак за пукривајне* (вел со бела, порано со црвена, боја), *нивистинка китка* (венче) и др. [ТГ,174].

пукривач m 'она со што се покриваме кога спиеме' ~ *појде младо с-една риза грозде,[да излăже мома црнајока,] да ја носе јуф гора зилена,[тамо они век да си векуват,[пусти-л'ачут – кујун детелина,[изглавито – црквишно ми цвеќе,[пукривачут два листа букуви* [ТГ,51].

пукрива́чка* f, в. **пукривач** ~ *и́ди и Пе́трос... шо о́диши пу не́гу, и флизе́ уф гро́бут, и а глидáл са́ванити шо сто́иа та́му, и пукрива́чката шо му имáло наврас гла́вата, не би́ло су са́ванити, туку́ са́мо бе́ши бра́ну ку́п на идно́ ме́сто. То́га ви́ки фле́гал и дру́гјут Учени́к шо до́шал по́на́при на гро́бут* [MV,K,336].

пукри́ј* (и: **пукрије**) pf, в. **пукри́ва 1.** – кога се ставаат темели на нова ку́ќа се благословува на следниот начин: *"Ка е арно Госпуд нека даде!... Сус радуст темел' са удире; сус радуст да са пукрије, сус радуст оѓин да са навале! Сус радуст госте да прачеке, сус радуст госте да испрате!... Да биде плăна песни и џумбус* [ТГ,296]; ~ *бирика́т ж'ината-му мă пукри́ сăс иди́н фустáн'* [MS,t,10]; ~ *та́ идната му-ре́кла: "Е, во цáрут дă-би́де, дă-мă-зе́ва ме́не, јáс нă-áскирут ќи-му-ткáјам ину-чăдăр – цел áскер дă-гу-пукри́е"* [ДК,113]; ~ *стăмпалката са пукри́ ут снăгу* [ПсС(З),-67]; ~ *ги наринди́ удго́р'а на пули́цата, ги пукри́* [MS,t,62]; ~ *и гу фáти за ранкáта и гу кла́ди н'е́тр'а у бакал'е́ту и гу пукри́ ас идно́ вр'ăтиш'ти* [MS,t,68]; ~ *на којн трева жнијала,[Велико мори![Велико мори![дека жнала заспала,[ej, ѓузел мори![ej, ѓузел мори![срп пуд глава кладела,[Велико мори![Велико мори![сус трева се пукрила,[ej, ѓузел мори! ej, ѓузел мори!* [ТГ,345]; и: **покрие** ~ *и по вечерјата, легнаха да спијат, не имаха с што да го покријат чобанот, си навлиха наврăх него четиријсите змии, го покриха* [V,PM,176]; ~ *л'áп да мјáси, да гу пе́чи, ама да е нитy пече́ну, нитy непече́ну... зме́јут каза́ на не́ја: "Ка́к ки мјáсиш, да́ кладе́ш по́дницата да́ са пáли, и да гу покри́еш л'áпот от гóри ки са пе́чи, от дóл ки е́ непече́ну!"* [V,PM,132]; ~ *гол'áмата ре́чи: "áко мо́жи да́ гу покри́ј конáќут со́с едно́ пла́тно и пáк пла́тното да гу избе́ри áф една́ л'áшка не́три, и пáк áко мо́жи да чи́ни еди́н калдăрăм от карагро́ши, тогáс ки гу зе́мам"* [V,PM,131]; ~ *оно час змиата виде, на пăтју идиха едни л'уди, и му вели на човека: "покриј ми тука аф тиа шуми, да не ми видат тиа л'уди!"* [V,PM,80].

пукријува́јне n 'чинот кога нешто се покрива', в. **пукривајне** ~ *дунсе́а дупл'áн (мамуди́а) и два́ стамбо́ла (алтăјне), пăпу́ци, чура́пе, кавръ́к, еди́н за клајна́јне, два, за пукријува́јне еден, три* [ИГ,116].

пукро́ф m 'дебел покривач за зиме' ~ *то́-ј дибе́ла* "покривка", *уд-вăлна и ко́зина рăзбăркино* (испомешано) [ПК2(92)].

пу́кут m 'силен шум од пукање' ~ *и о́јмă на-тăквó ме́сто, карши́ то́ се́лто, иáко не́-са-гле́да се́лто, ама са-гле́да зрáк аку-и́ма не́што, аку-са-запáле или пак ќи-чу́јмă не́што пу́кут* [БМ(В),191].

пукăну́ва impf 'повикува, пр. на гости' ~ *гу-пукăну́ва вăлкут ќ-у-го́сте. Зăвру́ва ину-ка́зăн во́да, му клáва ину-стáпче, му-фăрл'а ину-вилéнце узго́ра. Му-ве́ле нă-вăлкут: "Дă-до́јш ќи-тă-го́стăм"* [ДК,118]; ~ *а-нăо́жца лиси́цата, му-ве́ле: "Сăте зăјци ми-сă-би́ат пе́за". –"А, не́*

бéри гáјле, му-вéле, и зă-зáјците úма кулáј". И-пукăнýва сăте зáјци. Му-вéле лисúцăта: "Е, нă-фил'áн мéсто úма úна-крýша. Ќи-дóјте ќ-а-чýкаме" [ДК,118].

пукáсне pf 'касне нешто малку' ~ *сиднáле дă-вичéрăт. Нă-кýчито мудáва. Кýчито вичéра – жéнта вăрзáна. Кă вичирáле турлéнките му-и-дáшле нă-жéнта. Стăнýвăт нăрáнто. Му-дáшăл лéп дă-пукáсне* [ДК,127].

пул m 1. 'светликави (во различни бои) сосема мали крукчиња за украсување на крпи за забрадување' ~ *ќá сéј нăридúла пýлуве, алúс Туркúна;* ~ *Нивéјсти идно́ врéме и-прáвеа, нă-нáште мéста, тýа гóре ут-Илúцúву нă-гóре, су шáрове или сăгúа му-се-вúкăше рýвуто нă-нивéјсти, су-кăлпáк нéкуј, тýа су-пýлуви, зилéни шăрвéти* [ВЕв(Ил),306]; 2. 'мала метална направа со која се прицврстува нешто што е лесно, пр. хартија на ѕид, на дрво – патент' ~ *áјн пýл дă-зăбóдум, дă нé лéтке тáа кни́гта нă-цáмут*; 3. 'нешто без вредност' ~ *твójта ќéрка нă-пáрте пýл нé вúке* [ПК,-2(92)].

пулáге (са) impf 'следува на некого нешто, му припаѓа' ~ *му-сă-пулáге нă-нéго дéј кăштта* (се однесува на делба на имот) [ПК-2(92)].

пулáзе pf 1. 'помине извесен простор налактен на раце и нозе'; 2. изр.: **чýзда вóшка го-ј пулăзáло** (= има добиено некое наследство) ~ *сáм дă-нăпрáве тóлкăва кăшта нé-м сă-вирýве, чýзда вóшка го-ј пулăзáло* [ПК,2(211)]; **мрáви мă-пулăзáа** (= почувствував голема непријатност) ~ *ќá мо-видéх рáнта, мрáви мă-пулăзáа* [ПК,2(177)].

пулазе pf 'така се вика кога на празникот *Мартинци* рано наутро дојде некој'. Тоа утро се *пулазуве*. Сп. верување: ако човек (или жена) има *арин и лек полаз*, а тоа се познава по тоа дали таа година, ќе им биде успешна економијата, тогаш самите домаќини го повикуваат или му даваат порака уште претходната ноќ, утредента, рано, додека уште нема дојдено човек, да дојде и да ги *пулазе*. Кога *пулаза-чот* ќе влезе в куќи и поздрави со *дубрутро*, веднаш седнува до огинот и почнува со задникот да се врти како кокошката на јајца кога сака да ги размеша. Тогаш на огинот ќе стави гранчиња што ги донел од дворот. Овие гранки се викаат *пилци*. Кога ќе ги фрли врз огинот благословува: *"Пăлна куќа бирикет; сус крави, сус телци, овци, кукошки, пилци, јајца; на сите Госпуд да даде касмет, на неармасано – армасница; на нежинено – жена, на жинени деца; на деца здраве и касмет и уд Госпуд на сите здраве и касмет!"* [ТГ,16]; в. **пóлес.**

пулазуве impf в. **пулазе** ~ тоа утро се *пулазуве* (на празникот *Мартинци). Пулазувајнето* може да биде договорено, а може да биде и сосема случајно [ТГ,16].

пулáта* f 'големо претсобје, по целата должина на куќата, нешто како балкон, покриено, но отворено напред (во старите куќи *чардак*)' ~ *дéца игрăјáјт-си нă-пулáтта* [ПД(119)]; ~ *и т'á... утúва у дрýгата удајá, сă прим'ăн'ă у н'éјнит'ă рýби... и исл'áва ут вăнк на пулáтата* [MS,t,26]; ~ *ја з'éва јáблакáта цáрицáта, си утúва гóр'ă на пулáтата* [MS,t,31]; кај Д. Иванов (од Гевгелиско) – **полат, полатка** се јавува со повеќе значења: 'рафт', 'душеме', 'таван во куќата', 'прос-

торија на спрат (**горница**)'; Малецки во разговор (во Солунско) запишал: ~ *пула́та ка́шта* (= висока куќа) [MS,s,93]; сп. **јасла́к**.

пуле* impf **1.**'гледа' ~ *и така на 105-годишен човек – ала(х)-билир може да и повиче – кăсмет биде да пул'ам на стари години* [MC-(B),77]; ~ *шо́ ќи ви́де? Ина́-ма́-ла́тка сă-вắрте унắтре. Литáштем не́-сă удăви́а де́цăта. И-кре́-ва. Ко́га и-пу́ле – де́ца. То́ си нима́л де́ца, пу́стјут. Си-и-зе́ва, си-и-пурăсту́ва* [ДК,114]; ~ *е, о́на зе́ва ину-си́то, зе́ва но́шфите, зе́ва бра́шно, о́де ќи-ме́се. Гу-кла́ва нӑо́пко си́тто. Се́е ба́бӑта, о́на а-пу́ле удуз-го́ра* [ДК,116]; ~ *видема шо видема, пулима шо пулима ама и времиту се чини за кинисувата* [ME(P),68]; и: **пул'ă ~ и́ч нă-мо́ж дă-пу́л'ă** (= не може да гледа) [ME(P) 90]; **2.** 'обраќа внимание' ~ *Си-и-вјајну́вӑт ко́јнут и куби́лта. Та́ куби́лта би́ла спắрлна, и та́ же́нта би́ла тру́дна, та́ ко́јнчту са-заумури́лу, привзизга́лу. Мајку-му, му-рекăл: "пулиш ва, му реклă, ја чтири души, ти две души, нојш, са-умури"* [БМ(Зб),199]; **3.** 'се грижи' ~ *и ба́бӑта му-испушту́ва идна́ плу́та сире́јне, две́... – "Пу́шти го́споди, ба́ба не́мăм дă-мă-пу́ле, де́ца не́мăм дă мă-пу́л'ăт"* [ДК,117]; ~ *му ре́кăл: "Уд-ва́-де́н ни ба́бичка ќе-да-слу́шаш, ни́ де́ду-ти! Ки-си-се́диш, ки си-ја́јш, ки-си-пи́јш и ки-си-а-пу́лиш рӑбо́јчкăта* [БМ(Зб)198]; ~ *он му берă акут нă негу, он пул'ă зă куќите* (=... тој се грижи за одржување на куќите) [ME(P),90]; – во текстот наместо зам. придавка 'негов' посвојноста се изразува со предлогот **на** + полната форма за директен објект: **му берă акут нă негу (м. 'му бере неговиот ак')**; ~ *пу-вре́ме замина́л то́ ста́рјут па́к, то́ шо му-ј-дади́л ти́е па́рте, му-ре́кăл: "Ка́ о́јш се́га? Та-пу́л'ăт, та-пу́л'ăт!" – "Ма-пу́л'ăт", ре́кăл* [БМ(Зб)196]; **4.** – **(са)** 'се гледа', в. **пуле 1.** ~ *на ветăрут и на зајдислăнца са пулја ут селто Пајик планина* [ME(P),70]; ~ *напкун сă завắрте едниш сă пули тој Шамлијско делијче и дигна Ѓуро пијаница* [MC(B),98]; **5.** – **(са)** 'се забележува' ~ *и аку не пруштáвати на л'у́дито кабаáтити на ни́х, ни́то Та́тко ва́ш ки ви про́сти ва́ши гре́хови. И ко́га по́стити, ни́м да си чи́нити кату́ о́паки жа́лови, шо си расипу́ат ли́цито ни́хно, да си пу́л'ат на сфе́тут шо по́стат* [MV(K),282]; ~ *ама идно пурăмнувајнă нă тијă гудини су сигашните сă пулјă оти тогăј јарăџијте нă погулемите мал-сăјбиј биле по-арни* [ME(P)85]; **6.** – **(са)** 'се интересира' ~ *устинаа за чифлиците и фатиа да пулјăт сăл нă то кăт може дă-јспаднă повичкјă* [ME(P),86]; **7.** – **(са)** 'се чини' ~ *ура́чут сă-чуди́л – чуди́л и си-ре́кăл нă-у́мут: "Ај дă-ви́дме и во̀ мура-фе́т нă-де́уту" и зăура́л тăка́, ка́ му-кăжа́л ста́рицут; кă-извăди́л три-чити́ри бра́зди, де́ду Го́спут гу-пупита́л: "Е, му-ве́ле, и-сă-нăсмију́ва, ка́ ти-сă-пу́ле се́га ура́јниту?"* [BB,309].

пуле n 'младо магаре, прле' **[ПК,2(92)]**.

пуле́дица* f 'зимно време кога паѓа леден дожд' ~ *ла́дăн ве́тăр и до́ш ко́га сă пуле́дуве зе́мăта* [ПД,130]; ~ *ка си дуна Сечко един ветар и дожж, ка си зафати една лапавица... чувек уд студено уф мишији дупки да са напике. Бабата сусѐ кози и јарци ка а фати пуледицта и она и јарци са шчикурисаа* (се вкочанија) *и који дека си биише там си устана*

[ТГ,13]; од Кукушко: ~ *уф-се́чко ка́-фӑтӣ ӑдна пуле́дица дӑ-нӑ-мо́јш дӑ-нӑстӑпиш нӑ-зе́мта, нӑ-чура́пе о́даа л'у́јто* **[ПК,2(92)]**.

пуле́дне pf в. **пугл'е́да** ~ *гу фӑрл'ӑт нӑ бунӑштто. Та́м си ле́же. Пумина́ле адни гӑлӑбе. Вóа знаја́л и гӑлӑбско да гувóре... и тӣа гӑлӑбто си прӑкӑжува́ле: "Да му пу́штиме адно́ пе́ро, дӑ си-ј че́пне о́чте, ќи пуле́дне"* [ИГ,-114]; ~ *уф нидел'та сабаӑлинта ќи до̄ат сфа́тӑве. Нивéстта ќи-ј прӑче́ке на вра́тта, ќи-гу пуле́дне мо́мчто низ прӑстӑнут, ќи-ј прӑсе́е сфа́тӑвто сус ичумéн, шиќе́р и бубá-ќе́рно се́ме* [ИГ,117].

пуле́дуве impf 'кога дождот што паѓа веднаш замрзнува' ~ *ла́дӑн ве́тӑр и до́ш ко́га сӑ пуле́дуве зе́мӑта* [ПД,130].

пуле́зе pf 'првото доаѓање наутро на гости на празникот св. Варвара (односно Свети Рангел и Врбница). Според верувањето, дали гостинот има "лесна рака" или не, ќе зависи каква среќа ќе има во семејството' ~ *нӑ Вӑрва́ра са́кум Ши́л'ка дӑ мӑ пуле́зе, о́т и́ма ле́сна полизи́а* [ПК,2-(166)]; **в. пулазе, по́лес**.

пуленá* (в. **пул'ана**) f 1. 'рамно, затревнато место в планина, планинска ливада' [ПД(129)]; ~ *сӑба́јл' стӑну́ват, прӑгле́т, прӑгле́т тӑка́ пла́нинта, не́ли пуле́ни и́ма. Е, ре́кӑл: "сја дӑ-и́ма, ча́фките нӑ-пуле́нта дӑ-ста́нӑт о́фци". Пӑ ча́фки лита́ли тӑка́, "кре́к, кре́к" прӑви́ли. О-п, ча́фките о́фци стӑну́вӑт* [ПК,2(Мор–228)]; ~ *то́о де́тто, пӑсéјќи ко́јсте пуле́нта, близна́л пӑрстино, а́јн ко́јн тӑрче, тӑрче прӑд не́го... кӑчи́л-сӑ нӑко́јно, кӑжа́л "Збо́гум ма́јко!" "Че́ки си́но, де́к ќ-о́јш, ас ќи-до́м". То́о буцна́л ко́јно, па́ н-а́јн пӑрч сӑ-кӑчи́ла, ба́бӑта* [ПК,2(Мор–230)] – уште еден случај на беспредлошки додаток за место: **пӑсéјќи ко́јсте пуле́нта** (м. 'на пулента'); како што е познато оваа посебност се третира за влијание од балканската јазична алијанса; **2.** 'дел од нивата намерно оставен необработен' [MS,s,93]; **3.** 'широк, рамен простор пред куќата' ~ *нарӑчај, моме, порӑчај[кога ки метат пулена[и твојта пулена да а изметат* [ME(P)100]; 'двор' ~ *бегут му дава нӑ јӑрӑицитӣ: кукјӑ су тремиштӣ, килар, аӑрӑ, кушуварник и сӑмӑлӑкӑ су пуленӑ* [ME(P),87]; сп. топ. **Поле́нцка Пӑте́чка (сп. пате́чка** = тесен пат, врвица) (Савек, Валовиште) – **стсл. поліана** [ЛИ,Ми..., 175].

пули́* (и: **пул'а́ј***) pf **1.** в. **пулиӑве 1.** ~ *хај си стана, хај си зима једна ругузна,[си ја зави, си ја врза куту права свеќа,[јуд удзгоре ја пулија сус смола и катран,] како, цанум, ја запали уд пладнин сабајлин,[она му свитила, цанум, дур ду црна мрака* [ТГ,42]; ~ *аратли́кут и ж'ината му на аратли́кут ха пул'а́ха га́с* [MS,t,74]; ~ *хајде дошло вре́мја да и́дат на ба́н'ата́ сос други мо́ми, и детето сос тја́х. И како заста́нало нӑ вратата, заспа́ло, па́к коси́ето го по́сечи сос но́жја и са скри́и. Кога́ изл'а́ли мо́мите от ба́н'ата́, детето сосе́чено. И го пол'ала назика мома от живата во́да, ста́нало* [V,PM,258]; **2.** изр.: **мӑ пули́ја вре́ла во́да** (= *не́што ло́шо а́к ти на̄пра́ве не́кој*) [ПД,137].

пулијн* adj 'наквасен, натопен со течност' ~ *туку сум ти, лудо, уд ма̄јка рудена,[уд ма̄јка рудена на сам ден Благувиц,[на сам ден Вилигдин, лудо сум крстена,[сус руј̄но, благо вино, лудо, сум ба̄јнана,[сус бело млеко, лудо младо, пулијана* [ТГ,96]; ~ *То́о пӑрстӑно*

дунӯве, аднóш, двáпăт, трúпăт ка́ дунáл, една зграда две-спрáтна стăнáла. Лигнӯве-си. Ама тáа зграта пули́ло, куту пули́јна злáто, óчте дă-ти-устáнат уф-нéа, лăске [ПК,2(Ним–263)].

пули́ло n 'нешто многу убаво, човек не може да му се изнагледа' (сп. **пуле** 'гледа') ~ *стăнӯве кӯл двăнájс сáато, сúте ка́ спúат, имáло áјн двóр широ́к тăка́ мáлко. Тóо пăрстăно дунӯве, аднóш, двáпăт, трúпăт ка́ дунáл, една зграда две-спрáтна стăнáла. Лигнӯве-си. А ма тáа зграта пули́ло, куту пули́јна злáто, óчте дă-ти-устáнат уф-нéа, лăске* [ПК,2(Ним–263)].

Пулисена ж. л. име запишано во Гевгелиско [ТГ,114].

Пули́н top. – 'старо име на населено место покрај Дојранското Езеро, денеска – Дојран' ~ *тој беше от Галичник, тој беше много ербап човек и султано му даде фирман и отиде на Пулин – на Дојран* [МС(В),92]; ~ *е, пăк кóа úдăт свáтăвто, мóмта искáрăве прăстин. Ќи гу искáре ут рăкта да гу вúде мóмчто. Уф Пули́н нóго адéте úма. На шéсте нидéли ќаа растýрăт фрýглицта, ќи нăпрáвăт уд нéа фýрка* [ИГ,120].

пулининский adj 'кога нешто се однесува на *Пулин(ин)* – стариот назив за Дојран' ~ *да исплетат тенка мрежа,[да ки дојме, мрена рибо,[да ки дојме – да те фатме,[да те правме, мрена рибо,[да те правме пресна чорба,[пресна чорба, мрена рибо:[пресна чорба – пулининска* [ТГ,49].

пули́ца* f 1. 'дрвена направа, штица прицврстена на sид врз која се стават работи, пр. садови' ~ *ги наринди́ удгóр'а на пули́цата, ги пукри́* [MS,t,62]; ~ *áјдее, сă-кăчýве: тăпă, тăпă, тăпă, óјт дур гóр. Тáа ка́ лигнáла нă-кривáто, árн-áма сјáа тóо мúшо шó-с-качúл, гóр имáла адна пули́ца, нă тáа пули́цта гóр ф-аднá кути́а цăрвéн пипéр, другá кути́а зијти́н, аднá кути́а...* [ПК,2(Ним–264)]; ~ *арапúно аднá артмăцá стăнáл до-фáте дéтто. Дéтто аднó врáпче стăнýве, литнýве, óде нă-цáро нă-пули́цта зăстáнуве, сă-струýве адна кúтка, ама кúтка дă-нé а-фáтиш уф-рăкта* [ПК,2-(Ним–264)]; ~ *и заедноч царјут зема една златна паница, аф неа тури едно живо мишче, гу похлупи и гу закара аф нихната удаја паницата, га кладе горе аф полицата и на тјах му вели: "таја паница да га не барнити, ча л'у да га барати ке да ви изгон'ам оттука"* [V,PM,64] – во текстот имаме проширена употреба на предлогот **аф** (< **въ**) кога упатува дека нешто се наоѓа згора, врз нешто, наместо предлогот **на**: **паницата га кладе горе аф полицата** (за мешањето на предлозите в. во граматичкиот дел); 2. 'дел од јаремот' ~ *пули́ца úма и нă-бóндруќо* (= јаремот). *Усжéгăл'те ка́-ќ сă-удделáт глáфте нă-дубúцте, тó сă-пули́ци* [ПК,2(92)].

пули́ѐве impf 1. 'полева течност, во случајот вода да си измијат раце' ~ *уф пунидéлникут пусéстримте ц-сă ублéчăт уф нивéстини фустáјне, пубрáтимте ус шăмúјки (тул'бéјне) нă глáѐвта... мéчки сă-прáвăт, нивéстта пули́ѐве на свéкурут и свăкăрвăта* [ИГ,118]; и: **пулијве** – наутро откако ќе се облечат, се мијат, кој како ќе стигне, сепак на *свекурут* и на **свăкăрвата** *пулијве* снаата или ќерката [ТГ,18]; и: **пула́ва*** ~ *ја дус'áкуха тапс'áта, гу завúрат мáслуту, с'éтн'а ја пулáват ш'ич'ката тапс'á сăс мáслу* [MS,t,8]; 2. изр.: **мă пули́ја врéла вóда** (= *нéшто лóшо áк ти нăпráве нéкој*) [ПД,137].

пул(у)ви́н adv 1.'половината од нешто, од некоја единица', в. **пол, пола** ~ *зă пи́не во́да, мо́ж дă би́де уд бăкăр, алми́н, ус рăчка, суби́ре пулви́н ки́ло* [ПД(120)]; ~ *"си хазăр' да до́ш' си́га?" "ма́листа! за по́да дур у дума́ и за-сă вăрна за пулви́н саа́т'* " [MS,t,84]; ~ *за о́ра пулви́н вр'ăтин', за ха о́стаја да пуч'и́нат о́луве́ту* [MSt,65]; ~ *има́ш'и иди́н Иринџјо́т (сăс пулви́н гăс), има́ш'и ина́ ма́јка* [MSt,48]; и: **полови́н** ~ *он беши половин гăзју, ама млогу газеп јунак беши* [V,PM103]; 2. изр.: **с пулви́н у́ста** (= несрдечно) ~ *ма́викна́а ама-с пулви́н у́ста* (= ме поканија ама без желба) [ПК(Гăр)].

пулувѝна f 'слабина, страничен дел од мевот' ~ *р'е́ч'и за да ни́кни д'ăт'ă Кати́нч'у за да в'е́ни ка́лч'ă, сă уд'ă-ли́ ут пулува́ина, па́дна на зим'а́та* [MS,t,39]; ~ *н'а́кој чов'ја́к оји́е́л уф-плани́на́тă за-дăрвă. Бер'а́ји́ки дăрвă вид'ал го́ри е́дна́ пра́вă да́лка, у́бăвă... Се-качи́л го́ри, ка́к се-лизна́л, пắдна́л о́д-дăрвото, полови́на́тă, немо́ш дă-ста́ни* [ЛС(К),128]; и: **пулувѝнка** ~ *Бог да јобије, мамо, кундурџијчето![што ми прави, мамо, пандофлички,[што ме ного стегат, ох јоф прсти,[ох јоф прсти, мамо, чак до пета,[ох глава, ох срце, ох тенки пулувинки,[за комшијчето!* [ТГ,39]; в. **половина*** 'средина'.

пулувѝна adv, в. **пул(у)ви́н** ~ *и са́т'ут би́ш'и идина́јсти и пулува́ина стрид'ă ве́ч'ăр* [MS,t,83]; ~ *за ина́ тапс'а́ баклава́ ина́ ука́ ш'и́ке́р, идна́ ука́ ме́т, ука́ и пулува́ина бра́ш'ну* [MS,t,8]; ~ *гу занéси на бака́линут на вра́тата и гу кла́ди пра́ф и ви́кнува: "... да́ј ми пулува́ина ука́ ви́ну"* [MSt,68]; и: **пулувѝну*** ~ *Л'а́т'аш'т'е́м исл'а́зуха ут Кири́т... до́ј́духа дур куму́ пулуви́нуту мо́ри* [MS,t,58].

пулувѝни* (необична употреба на множинска форма од 'половина' – кога се однесува на збир од еднородни предмети, во овој случај 'пари') ~ *му ги да́ва пулуви́нит'ă* (пари) *на н'е́гу и гу пи́та: "ти фтáсуват, бра́ти?"* [MS,t,48]; ~ *и, ако е наи́стина това, да најдити алтăните, тогáс полови́ните да ги закáрати на кăштата му* [V,PM,32]; сп. уште: ~ *лозјăтă сă умăлијă нă пулувини* [МЕ(Р),91].

пулувинички pl.tt., dem., сп. **пулувѝничка 'средниот дел на човечко тело'** ~ *младо си саках, мале,[лудо си зимах;[се пугудило, мале,[сè булникаво, мале,[сè булникаво, сè трискал'аво,[кога му глава, мале,[куга му тенки пулувинички, мале* [ТГ,141]; ~ *Митра негу гу питала:["Ej бре Стујан, млади Стујан![си загубих срма кулан,[срма кулан с-пулувинки,[да не си гу Стујан, најдел?"["Не сум нашал срма кулан,[ако најдех па те лăжум,[куту него да са чинум"* [ТГ,371].

пулу́де* pf 1. 'изгуби разум, стане ненормален'; 2. fig. **а.** 'кога некој силно ќе се заљуби' ~ *пра́во ко́га вле́гла, ă-ви́шăл ца́руво си́н ка́ко и́грăла. Ле́ле, пулу́дăл пу-не́а уд-ме́рăк и су-не́а да и́гра. А-фа́тăл, и́гра по́лка су не́а. Це́ла но́ш-е су-не́а* [ДК,120]; **б.** 'кога некој многу ќе се исплаши' ~ *оти́доха по гора́та, те́ра́ха ту́ка - та́мо, га најдéха. Фати́ха да́ га милу́ват и така́ да га вél'ат: "ох, ми́личка сéстру, ни́а, как ти загуби́хми, ве́ки полудја́хми за те́ да ти на́јдими* [V,PM,132].

пулупа́чка f 'мал дрвен сад' ~ *то́-ј дăрвăно сăтче, уф-не́го уфча́ро сино́се си́рне ил' пă у́рда ка́-ј нă-о́фците, о́на сă-зăтво́руве ус-кăпа́че*

[ПК,2(92)].

пулупа́че n 'капаче' ~ *ус-не́го си-пулу́пувме гра́нчто шо-ва́рме фа́-су́л'* [ПК,2(92)].

пулу́пе pf 1. 'покрие' ~ *"Се́а, ре́кле, де́ка д-о́јме? У-на́-де́уто ку́јка́та ќ-о́јме, при-та́ пудуе́нта". Ма́шче́ата и-ви́ка: "Ела́те, ела́те, ела́те". Ма не́-на́ не́а. Не́а а-зе́ва, а-кла́ва та́му, уса́ди, ка́ј кукуша́р-нику. Пуд-иднуко́ш а́-пулу́па* [ДК,-121]; ~ *е, не́ма, на́-мо́же до-зе́ме, зна́чи ко́јно гувóре чуве́чко изи́ќ. Тóа има́л не́кој ко́ш. Пут-ко́шо, ка́ дујде́ле да́-гу-те́ра́т, пут-ко́шо, зна́чи: ки-гу-пулу́пе ко́шо вра́з-не́го* [ПД(159)]; **2.** 'остане со задниот (долниот) дел на горе' ~ *зна́чи ак пулу́пиш не́што, а́к гу за́тво́риш уд го́ре: га́ра́нто, те́нџа́рто ќо пулу́пе; и́ли до убáрниш на́о́пко* (садот) [ПД,120]; ~ *"Е, ма́-ви́ка́т". – "Ко́ј та́-ви́ка?" –"Ма́-ви́ка́т, ве́ле, да́-кра́ста́м". Она о́де – ја́де ме́т. Ти́а вулóјте на́-мо́жа́т да́-са́-се́та́т. Ајде, а́јде – се́ки де́н та́ка, ину-де́н гу-сфа́рши́ла ќу́пут, гу-прикутна́ла ни́чку. – "Ка́-гу-кла́ди и́мито?", му-ве́ле. –"Ја́деш ја́деш – ни́чку пулупе́ш!"* [ДК,138]; **3.** 'падне ничкум, умре' ~ *Ту́рците но́го пакус пра́ви́ца, запали́ца се́лта, за́на́ли́ца но́го на́ро́т, но́го на́ро́т измре́ тугáј. Вујчи́на, ка́ зе́е да́-фа́ркат, да́-пу́ка́т, са́-пулупи́, умре́ на́-ме́стто, умре́ е́ште* [ВК(Шт),288].

пулу́пува impf, в. **пулу́пе** 1. 'покрива сад, става капак' ~ *пулу́пј-оо те́нџа́рто да не́ исти́не ра́чóко;* **2.** 'свртува нешто наопаку' ~ *пулу́п-га типци́ита, ле́бо са́м ќи-испа́дне;* **3.** 'удира' ~ *пулу́п-јоо а́дна да́-ви́де де́к са́-зве́здите* [ПК,2(92)].

пулу́пан, и **пулупе́н*** adj **1.** 'покриен' ~ *ина́-кукóшка устана́та и иднупе́та́л. Ти́а вика́ле: "Ту́к-ту́к, ту́-па-ту́ка, ту́п-ту́п, ту́к-ту́к!" Ти́а же́јте си ре́кле: "Шó ви́ка ту́ка во́ пе́тлу? Ај д-испу́лиме шó и́ма?" Ко́а ќ-о́да́т да́-ви́да́т – су-ко́шу пулупе́на, чу́пата сто́е уздóла* [ДК,121]; **2.** 'ставен со лицето на долу' ~ *га́ра́нто, те́нџа́рто ко пулу́пе; или до убáрниш на́о́пко, пулу́пан* (садот); човекот исто така може да биде *пулу́пан*, ако е легнат на стомак [ПД(120)].

пулууркúса impf 'опсадува, заобиколува' ~ *Ту́рчину ја пулууркúса А ти́на* [MS,s,93].

пул'а́на f 'ниско затревнато место, планинска долина'; в. **пулена** ~ *утúдуха мло́гу дале́ку на ина́ пул'а́на, ги замрач'а́ та́м на на́с пул'а́на* [MS,t,46]; ~ *та́с утúва идúн д'е́н' на ни́вата да ги пасе́ га́скиту на ина́ пул'а́на* [MS,t,53]; ~ *уф-Мура́рци и́мше две́ мли́на на га́с, на-га́зија. Се́лто би́ше ку́лк пулви́на гра́т. Са́га́ уди́х па́-не́ма ни́што. Се́га би́х, та́а е́син. Ка́ о́дум та́м, на-то место, шó ќи-ви́дии – се́ пул'а́ни, ка́ма́нто ди́гна́ни... Са́мо адна́ же́на најде́ме та́м уд-на́ште, шó зна́ на́шо да-гувóре, дру́к не́ма ни́кој, се́ га́рчко* [ПК,2(216-217)] – автентично сведочење на информаторот (Атанас Јанев) за тоа како македонското село Морарци (во Кукушко) по Балканските војни (1913 г.), ја сменило својата демографска слика и станало грчко; сп. top. *Пол'аните* 'ниви и **пасиште**' (Д. Броди, Драмско) – [ЈИ,Ми..., 175].

пул'ка f 'млада кокошка, јарка' [ЦД-,126]; сп. празноверие: ~ *ако си петле чопни си пашка, ако си пул'ка – крило си чопни* – ова го зборуваат додека го држат пилето в рака потоа ќе го пуштат и ако се **чопне** за опашка – значи дека е петел, а ако се **чопне** за крило

значи дека е **пул'ка** – **[ТГ,402]**; ~ *жáлта пýл'ка пудбулéна, пуд-бéл мисýр пулупéна* – брзозборка, се повторува повеќе пати [ПК,2(92)].

пумагајне n 'кога некој нема доволно работници во семејството односно нема пари да плати *измиќари* (за земјоделски работи), во таков случај, на празничен ден му доаѓаат познати *на пумагајне,* односно *на јардăм* (= помош, турц.). Обично доаѓаат младичи и девојки, а домаќинот им дава само јадење, а не и пари [ТГ,327].

пумагач m, в. **пумагáч'ин** ~ *и са чинúл Пруфúтин и вел'ál: Благусувéн си, Гóсподи, Бóга нáша Израúлц'ка, шо си умúл и си давáл, и а чинúл си имдáт и пумагáч на твóити л'ýди да уткúнат* [MV(K),322]; сп. верување: – кога ќе дојде Св. А танас тогаш е *стрет зима.* Тешко е до Св. Атанас, а штом тој ќе помине *и тоа што му беше за умирање – не са прадауве* (= и тој што му беше за умирање нема да умре). *Свити Атанас се смета како пумагач и другар на Св. Андон* [ТГ,-27]; ~ *и óн а зéл на нéгу уф рăцити, и благосови́ на Бóга, и ричé: Сéга, Гóсподи зéвај си на измиќáрут, катý как си рéкал су мúрну; éту а видéле óчити ми пумагáч нáш, шо си азирдисá на óчити на сáти л'ýди; вúдело да бúди на инсáнут* [MV(K),-313].

пумагáч'ин m 'тој што помага, помошник' ~ *му вилú : "дунéсух идúн пумагáч'ин, да ми пумáга!"* [MS,t,73].

пумáге (и: **пумáга**) impf 'кога некој му пружа помош на другиот' ~ *л'ýѓăто шо ги фáтиш дă ти пумáгăт нă гýмнуто, óни ки ти рăбóтăт* [ПД,122]; ~ *нé мóжи нéкој да рабóти измиќáр на двé áги; óти или идно́то ки си милýва, и на друѓýт ки гу каскандúса; или на идно́то ки му пумáга па друѓýт ки гу натимúса. Нé мóжите да рабóтите на Гóспот и на Дјáволот* [MV(K),264] – интересно дека во Евангелието (Кулакиско), што, се разбира, се однесува на христијанската религија, среќаваме многу турцизми и имиња на турски великодостојници, каков што е случајот во контекстот: **измиќáр на двé áги** (сп. уште: **јузбашија** и др.), што зборува за силното присуство на турскиот елемент во овие краишта; ~ *"úдиш' у м'éн'а да рáбутиш'? јáс úмам кафинé и за пумáгаш' на гул'ăмă-т'ă гарсóни!"* [MS,t,81]; ~ *И угворú Сúмон, да рéкал на нéгу: Пувé-лин, сăта нóка си умурúхми, да нúшт'о нé фатúхми; úлим за твóја пувéла да а фăрлам грúпут. Как му фăрл'áле, затфорúле нóго рúби уф грúпут, дýри ки си скúниши. И а викáле на другáрите шо бúле уф друѓýт кáикут, да дójдат да и пумáгат* [MV(K),272] – една посебност во врска со членот: во контекстот имаме пример со "двоен" член, и на определбата и на именката, што не е обично во литературниот исказ: **биле уф друѓут каикут**; сп. благослов: – на свадбената вечера прв *благушове* кумот: *"Дубре са субраме и дубре фтасаме! Госпуд ни* **пумаге**, *здраве ни даде, ил'ада утидеме, ил'ада и един дујдеме. На новјут гост Госпуд нова нафака* (среќа) *да му даде! Сус таква радуст Госпуд сите братја да и зарадуве, и дека треба да се врне!!"* [ТГ,184].

пумáк m 'некој што не е Турчин а ја прифатил муслиманската религија' ~ *утúăхме уф-сéло Крéцăво... сă-свăлúме нă-чéшмăта Кипăрúс... а сликáх чéшмăта, óти на тáа чéшма ејранин Рúсто... кýкушки вујвóда. Ут тáм утúах на-русăлúцките гробиш-*

та. Уф-Крéцăво нéма нáши ни-адúн, сáмо Гăрци и пумáци, тăкá рăзбăркини [ПК,2(Крец–307)].

пумéва* impf, в. **пумнт'é** ~ *с'éдна мумáта и кáта сабáлин и на вич'ерó и пумéваш'и кăш'тич'кáта* [MS,t,62].

пумúж'ду praep 'помеѓу' ~ *пумúж'ду на луз'éту с'ăх мисúр'; пумúж'ду на мисúр'у с'ăх фасýл* [MS-,s,93]; сп. **мúж'ду**.

пумúне (и: **помúни**) pf 1. 'се придвижи, премине од едно на друго место' ~ *Ученúците давáле на сфéтут; и сúти јадéле, и си прија-дéле. И шо артирисувáле кумáти, и кринáле, и убráле дванáдест кóши пăлни. На вă чáс пувел'á Исус на Ученúцити да флéзат уф кáикот, да помúни утăди* [MV(K),266] – уште една потврда за посочената морфолошка специфичност: проширена употреба на множинската наставка -**и** кај едносложни именки: **дванáдест кóши пăлни** (м. 'кошови', за ова в. во граматичкиот дел); ~ *дéцта óвăрт-зáвăрт нă-лéбо. Димéк глáдни сă, ќи-пумúнат, ќи-зăмúнат, ќи-си-скăршат лéпче* [ПК,2(187)]; сп. клетва: – кога ќе тргнат на пат ќе се прекрстат и ќе се помолат на Бога: *"Госпуди Боже и Свити Димитрије, на душмајне бастрет да им се фате* (= да бидат онемогућени), *да не ма видат, да не ма чујат, крај них ка ки пуминум, каман и дрво да са чинат, сус рат да пуминум!"* [ТГ,306]; ~ *искарáјт-ме на друм, на субérут,[лéле зă бајрáкут кóјну ми вăрзáјте,[на нóјзте пúсмо испишáјте,[на сăрцéто пúле Стáно,[кúтки насијáјте,[кój да помúне – сè да си скúне* [ИГ,108]; сп. верување – спроти празникот *Св. Чтирасат* девојките вражат за да дознаат кој ќе им биде избраник: во самракот ќе отсечат гранка од црница и со неа одат до некој поток или бразда со вода, и ставајќи ја гранката преку браздата ќе речат: *"Кóји ми је удилен* (определен) *ваја вечар нека дојде на воја мос да пумине и уф нас да дојде!"* Девојката ова три пати ќе го повтори со верба дека ноќта ќе го сонува својот избраник [ТГ,46]; **2.** 'пролета (птица)' ~ *кă пáжће дéтто óдма пувéл'а ут чáрут дă гу вăрзат дéтто. Гу фăрл'ăт нă буни́што. Тáм си лéже. Пуминáле адни гăлăбе. Вóа знајáл и гăлăбско да гувóре* [ИГ,114]; **3.** 'измина време' ~ *пуминá идúн д'éн', пуминáха двá днú ... д'ăт'ăнту фáти да сă ч'ýди* [MS,t,84]; ~ *ут-кă-пуминáле двájсе гудúни, сă-дукăрáло рéт то тăргóвăцо дă-дó пá уф-тó сéло. И úде. Вéчăрта си-нójце акráно, уф-кавăнéто пусăдéле и уддéле нáóрто. Тугáј, édно врéме, сè нă-пăто сă-брáле, игрăјáле н-éјн тăпăн* [ПД,151]; ~ *амă туку речи и немă ден дă пуминă и да немă ув у селту и некуј гос-Турчин* [МЕ(Р),-84]; ~ *и сă наближúа уф сéлото шо óдиа, па óн призделýваши далéко ут нúх да си óди. Да му сă мóлиа на нéго ém вéлеа: Ела су нáс, óти умрáкнá, и пуминá дéнот* [MV(K),253]; 4. 'начин на кој живее, односно го исполнува времето' ~ *"ш'ó прáити, кáк пуминáхти тóлку вр'ăм'ą?" – "нăј млóгу хýбаја! тú кáк пуминá!* [MS,t,86]; ~ *и му-вéле: "Вá нóш утéбе гóстин-сум". "Арно, дéтто му вéле, élшj! Има иднă-удája". – "Тáа шу-е, му-вéле, ќи-пумúниме"* [ДК,128]; ~ *дă-глéјме дă-пумúнме árно, шó-ќ-ни устáне дрýго, гóсте сме нă вéко...; ~ ох, милна мале, милна мале![на кого ме устави, милна мале?[дали ме пурасна и суриди,[па си риче стиге гајри,[*

она може сама да се гледе?![ти са суриди и киниса,[ама не питиш и за мене,[как ки пуминум, век да викувум [ТГ,264]; сп. **помин** [ПК,2-(157)]; **5.** 'оздрави' ~ *кóа пу́л'ăт: "Ету-гу во́!" Дé бăкăлăм, у́дри дăрво, у́дри дăрво – гу-избигáле. Излéăл. – "А-а, систри́чко, шó ми сто́ри? Măутипáја уд-бój", му-вéле. –"Е, тó нé-е ни́што, му вéле. Ќи-ти-пуми́не"* [ДК,118]; верување: – кога на вториот ден од Велигден се прави црквениот ритуал *крхци*, жените што имаат болни деца ќе ги завиткаат во крпи и ќе ги остават на патот, преку нив да поминат *крхците* – болеста *да пумине* [ТГ,63]; **куту ва куче ки пумине** (изрека; се кажува кога некое дете ќе падне, односно ќе се удри) [ТГ,247]; **6.** 'кога нешто ќе биде вовpено во тесен простор и извлечено од другата страна' ~ *кój-што ми-дáди, мóри јáбăлка,[зилéн дă-бúди, мóри кák-нејзи.[Кój-што ми-дáди, мóри, пăрстинo,[приз-нéго дá-го, мóри, пóминăт.[Кoj-трéтјо ми-мéни, мóри, ц'áлувнă,[дáj-ми-го, бóжи, мóри, зă-нéго* [ЛС(К),134] – во текстот има неправилна употреба на заменката за дативен предмет: **нејзи** наместо формата за директен објект 'неа': **зилéн дă-бúди, мóри кák-нејзи; 7.** изр.: **уд-мéн нéк пуми́не** (= нема да се лутам) ~ *зă тúă маабéте шо си-j кăжувáла трéбе дă-т сă-л'ýтум, áма áj пó-стáра си, уд-мéн нéк пуми́не* [ПК,2 (204)].

пуми́нва impf в. **пуми́нува** ~ *си грéде бáбăта. Плáче, плáче, шó дă-прáе? Пуми́нват врáпците. – "Шó плáчиш, бáбо, цéл дéн, му-вéле пу́ка!" – "Бре, нă-мóж дă-гу нăпăлнăм ришéтто вóда"* [ДК,116]; ~ *Ину-врéме нă-зáмăн имáше инă-лисúца, ину-вăлк. Лисúцата излéгла нă-пăтут и лигнáла. Е, пуми́нва пóпут, си вéле: "Aj мă инă-лисúца"* [ДК,143].

пуми́нува (и: **поми́нуе**) impf **1.** 'проаѓа', в. **пумине** 1. ~ *ама уд неколко дена, пуминуве попут крај него и му веле: "Знаши, утре е Св. Јован!" – "Ими некни бише Св. Јован, мер утре па!?" Нејсе и тоа ден си гу прачикал* [ТГ,26]; ~ *и ногу друзи турлиј треви и билјки и зăрди ут шо не сă пуминува ут урман* [МЕ(Р),-76]; ~ *на тóа врéми, кá си наближúи Исус на Ј..., идéн слéпин си сéдиши на пăтут и прóсиши. Кá слушá сфéт шо пуминýаа, пúташи: Шо и вá гирултии?* [MV(K),280] – сп. специфичност во зборообразувањето: проширена употреба на суфиксот **-ин: слепин** наместо 'слеп'; на друго место имаме забележано **гóлин** м. 'гол' и др.; **2.** 'изминува време' ~ *Кога пуминуве дистина дена, некуј чувек па му веле: "А, утре ки дојме уф тебе на ракија, утре е Св. Јован!"* [ТГ,26]; **3.** 'начин на живеење' ~ *имáло двýјца брáте, а нóго ýбуво пуминувáле. Дóбро-ама ѓáвуло ги-видéл óти нóго ýбуво пуми́нувăт и-едúн дрýк сăрáнăт... И-тăкá ѓáвуло гу-пăднáл мăка óти тóлку árно дă-пуми́нăт* [ПД,165]; ~ *кузум, браче Ристо, ного ти са мол'ам:[клајне да му чиниш,[мăчин помин пуминувум,[ни на леб сум ни на вода; [кукá празна растурена;[нема никуј кој да пите,[жива ли сум ил умрена* [ТГ,265]; ~ *и црева са баре карат, а кам да са не карме нија,* тоа особено важи за оние што работат заедно и затоа постои изреката: *"Сус јабанџија поарно са пуминуве"* [ТГ,319]; **4.** 'се протега' ~ *во лаф поминува узгорă ут друмут сăл уф селто Илиџијву* [МЕ(Р),82]; **5.** 'има добри односи со некого' ~ *дă-вéдиш глáва, дă-си пукóрин, дă нé сă-кáриш,*

ус сúте да-си-пумúнувиш [ПК,2(183)]; **6.** 'се задоволува со нешто, не бара повеќе' ~ *не одăт ув таквијă кăвинијнă, кăдă имă ... којнак... ами поминува су 1 улнук (1 копејка) кафе* [МЕ(Р)86]; **7.** 'се преселува од едно во друго населено место' ~ *сил'ајн-ту... фăтијă дă гу уставăт селту и дă пуминувăт или нă Пазăр или нă Солун* [МЕ(Р),91]; **8.** изр.: **низ вода пуминуе** 'кога пере без врукá вода и без сапун'; сп. – една недела пред селскиот панаѓур ќе натоварат на кола јоргани, душеци, перници, черги и др. и сето тоа ќе го однесат на Вардар и тука **ги чукат и низ вода пуминуват** [ТГ,218].

пуминувајна* n **1.**'движење преку нешто, или низ одреден, ограничен простор' ~ *тука има мос и за пуминувајнто преко не плајкјат сăл пишаците* [МЕ(Р),72]; **2.** 'оставање во наследство' ~ *имă су поминувајнту ут таткуту на синувјту на имајнту, оно се повикјă и повикјă сă друбело* [МЕ(Р),83].

пуминувајтă* n, в. 'пуминувајна' ~ *пуминувајтту ут иден чифликј нă друкј мојшă дă бидă или скришум нојкјтă...* [МЕ(Р),88] – интерес претставува образувањето на гл. именка со наставката **-јтă** (< -јте, во Еничевардарско финалното *-е* се редуцира во *-ă*).

пумит'é* pf 'исчисти со метла, измете' ~ *и вилú стáрата да и пумит'é кăш'тата, да и дукáра и мрăва вóда* [MS,t,63]; и: **помите*** ~ *вели на женá му: "нáша са на тój чáс, жéну, л'у ајди зéми мéтли, да úдими да га помитéми брáтовата ми кăшта!"* [V,PM,19]; односно **помети(е)** ~ *на среда рано за кладе нивјастата, да пере неколко ништа, за остави сетни на зăлвата перанету, тја за помете каштата* [V,PM,250]; ~ *излела девојката, да помети рамни двори еден ден. Проминали кралски сеизи приз рамно ú двори, да напујат бăрза кон'а, и видела сеизиту на девојката. Шјаштисали, штото прогледот му си земá* [V,PM,243]; ~ *му порăнче пак: "утрината да дојдиш да сфириш, да играја хоро, ча млого биендисах тојто сфирини!" И он стана та утиде у дома му, речи на мајка му: "мале мила, да пометеш старата наша кăшта!" И мајка му помела хубаве* [V,PM,197]; ~ *тáмо најдé еднá мрáфкана дýпка; фатú, га раскопá мáлко онája дýпка, пот нéа најдé еднá паратúрка; га отвóри, влезéла нéтри, тáмо најдé самовúлцки конáци. Си укачú гóри, најдé неизметéну, неисчúстину. Она фатú, помéти, изчúсти* [V,PM,132].

пýмка f, bot. 'израслинка на гранче од која ќе се развие цвет – пупка' [MS,-s,93].

помладјаи pf **1.**'стане помлад' ~ *момата му вели: "хубаве царју ми велиш, но ниа имаме един адет и требува адетот да гу сторими. Адетут на и, тос човек, што ми донеси тука, да палими една хурна, да гу кладеми нетре на хурната: аку помладјаи, от три дни сетне са винчавали"* [V,PM,212]; ~ *му рече: "ох синко, ти да поиш да стоиш тамо, те за ти кладат на хурната; јазе човек за стана и за дојда да влеза у хурната, тебе за тја извадја вунка, и ут трите дена сетне да дојдиш тамо да викниш: излазох и помладјах"* [V,PM,212]; **2. пумладе (са)*** 'се возобнови' – објаснувањето за значењето на односниов глагол го даваме во контекст (извлечен од етнографски материјал); сп. магија за преземање на млекото и маслото од туѓи добици, со цел да ги пренесе

на своите кои треба да се *пумладат* и да даваат повеќе млеко; жената што ја прави магијата на туѓата стока, кога излегува од шталата со пепел *прасејуве* и кажува: *"на мене млеко и масло, на тебе г..."*, т.е. **кај комшијата сè да се** *запусте*, а кај неа сè да се *пу-младе* (= да дава повеќе млеко) [ТГ,66] – се разбира дека ова е дел од народниот фолклор од минатото.

пуможе pf 1. 'кога некој даде помош (со работа или со подароци)' ~ *идну-дéн дéтто, тáму дéка бирéше дăрва, му-сă-јáви нúкуј-си фúл'. И гу-пýле шу-сă-мăче дéтто, па и му-пумóгăл фúл'ут. Па, му-рéкăл фúл'ут: "устáни да-си-жúвиме зájно у-плăнúна"* [ДК,149]; ~ *"иналéјка, му-вéле, си-зăбéсу нă-пáшкăта, си-сóбра трó рúби". – "Е, литурúјте?" Му-вéле: "Нă-ину-пóп тáму, му-вéле, утúду му-пумóжи дăму-пцáлăм, му-вéле, ми-дáди трó литурúј"* [ДК,118]; **2. верување** – човекот многу често се обраќа кон Бога да му помогне, сп.: – наутро откако ќе се измијат луѓето, ќе си ја симнат капата, ќе се свртат кон исток или кон иконата, ќе се прекрстат три пати и ќе ги изговорат овие зборови: *"Господи Боже! Свита Трујца, да ни пуможиш! Свита Нидел'о и Свита Бугуројцо, мајка Ристова, ни дадејте здраве и касмет и бирикет. На душмајне бастрет да фатиш, рăци да им са исушат, нози да им са фатат. И как е арно така да биде!"* [ТГ,18]; или: тој што кумот го држал гол в раце при крштевката, тој мора многу да внимава да не го навреди кумот, зашто ако кумот го *праклăне, "не можат ни три владици да му пуможат"* [ТГ,308]. Денеска младите ретко се молат на Бога, сепак кога ќе започнат некоја поголема работа често ќе кажат: *"Господи поможи!"* Или ќе се прекрстат и ќе кажат, ако имаат некој покрај **себе**: *"Ајарлија зафаиќајне!"* [ТГ,18]; – поздравување: ако на пладне се сретнат двајца луѓе, помладиот го поздравува постариот со: *Пумож Бог!*, а овој му одговара: *Дај Бу добро!* [ТГ,315]; **в. помогне.**

пумóли (са)* pf 'кога ќе побара подршка, односно помош' ~ *тój му кáзува: "хúч' ниш'тáм ш'тó-гуди дрýгу да м'ă устájити да сă пукáцам гóр'ă ... и да сă пумóл'а на Гóспут'"* [MS,t,23]; ~ *к'élешăт отúшăл кăде-дéтто и му-речél: "Сегá јáс на-тéбка к'и-те-јáдам". Дéтто казáло: "Чékај да-óдăм, да-се-помóл'ам на-Бóга да-ми-прóсти грéховете"* [ВС(Гр),295]; ~ *"Жéно, вéле, ќи-ти-кáжăм. Идну врéме нăинă-пăшúца, вéле, јáс му-бé измикáр, сéтне сă-рéши ă-зăклá, му-зé во флóринут". Кóа сáка д-ă-зăкóл'ăм мусă-пумóли: "Ајде мисичúно, нéма нúкуј, бúди сфéдук тú!"*]ДК,140[; ~ *зél-ја и на-сестрá-му и катовидéли тáм едúн конăк голéм, качúл на сестрá-му гóре и зél óн кучúн'ата и отúшăл да-шéта. Катовидél да-лéтат едúн бул'ýк чáфк'и, се-помолúл на-Бóга: "Гóсподи бóже, вúа да-ми-дáдеш óвце"* [ВС(Гр),294] – во контекстот се забележуваат неколку граматички посебности: предлогот **на** како придружник на директниот објект – **зéл-ја и на-сестрá-му... качúл на сестрá-му гóре,** второ: множинска форма кај именките од ж. род со наставката **-е** : – **вúа да-ми-дáдеш óвце,** трето: атрибутот поставен во постпозиција во однос на именката – **едúн конăк голéм,** четврто: употреба на сврзникот **да** во интенсионални, декларативни реченици: **видél да-**

ле́тат еди́н бул'у́к (наместо: 'дека летаат').

пумоче pf 'измокри, испишка' ~ *кӑци, кӑци, баба! – баба прела две клупцијна.[да и клала на бочвата,[дошло јаре пукакало,[дошла коза – пумучала* [ТГ,118]

пумрӑзна́нт adj 'тој што бил изложен на студенило, измрзнат' [MS-,s,93].

пумрӑ́знува* impf 'кога нешто е оставено незаштитено на ниска температура, т.е. кога измрзнува' ~ *и пра́и кули́ба за ч'уба́ниту да спа́т, да ни пумрӑ́знуват зима́та* [MS,t,67]; в. **помразни**.

пумухчи́а m 'тој што помага' ~ *ни́мчеки нӑ-пумухчи́ј, туки пл'у́н-си нӑ-рӑ́цто, а́к са́киш нӑ-вре́- ме дӑсвӑ́ршиш рӑбо́тта* [ПК,2(188)]; в. **помошник**.

пуна́ adv 'најмалку, околу' (покажува приближност) ~ *з'е́ пуна́ стути́на ко́зи и ерке́ч'а и и́ш'тиш'и да му ги зака́рат на с'е́луто́му* [MS,t,17] – падежен остаток од заменската, односно членската морфема: **с'е́луто́му**; ~ *тапс'а́та пуна́ три́ уки́ м'а́су; пуна́ дв'а́ ука́* [MS,s,93].

пунӑта́мка adv 'понатаму' ~ *идно́ мӑга́ре ка-го-истира́ле от-до́ма и-ситӑргна́ло по-пӑтут да-си па́ла касме́т. Пунӑта́мка си-нӑйде́л едно́ ко́ч и-му-ве́ле на-мӑга́рто: "Де́ка, побра́тиме, к'-о́јш?" И-мӑга́рето му-ве́ле: "По-кӑсме́т?"* [ВМ-(Сар),314]; в. **по́нӑта́м**.

пунаше (се) impf 'се однесува'; сп. пожелување: ~ *Госпуд да му даде касмет и здраве. Да е живо, да е здраво, и Госпуд да даде винчинија да прачеке, и он така да се пунаше!* (т.е. и тоа кога ќе порасне да биде кум) [ТГ,115]– гл. **се пунаше** на друго место го немаме констатирано.

пунде́лник m 'првиот ден во неделата' [ПД(Фур)]; и: **пуниџалн'ак**: ~ *и стануват, си хождат на јунакова кашта, пак седнуват, јадат, пијат, ахенг чинат, дур да усумни. На понидјалн'ак рано викат попот, му пеј водосвјатение, за да си чисти каштата* [V,PM,247]; ~ *уф пуниде́лникут пусе́стримте ц-сӑ ублечӑ́т уф ниве́стини фуста́јне, пубра́тимте ус шӑми́јки (тул'бе́јне) на гла́вта... ме́чки сӑ-пра́вӑт* [ИГ,118]; постои верување дека и Господ започнал да работи *уд пуниделник* и затоа секоја поважна работа се започнува в понеделник, пр. *семе се ваќе уф пуниделник* (тогаш се сее), *куќа се зафашќе да праве уф пуниделник* итн. Некои понеделници имаат и одделни имиња: *Чисти пуниделник* (= првиот понеделник од *Велики пости*, кога куќата темелно се чисти), *Сирни пуниделник* (= првиот ден од *Бела* или *Сиропосна недел'а*), тој ден домаќинката не смее да претура по сандуците каде што стои облеката, бидејќи се плаши, според верувањето, дека глувци ќе ги изгризат алиштата [ТГ,7]; во Солунско Малецки запишал: **пунд'а́лник** [MS,s,93].

пуни́штин* adj 'сотрен, уништен' ~ *У-Кре́цӑво-ј уста́вно са́мо цӑ́ркӑфта и две́ ка́штички. Армутчи́ј-ј це́ло бри́шино. Ене́шево-ј це́ло бри́шино, Гӑрма́дна-ј це́ло бри́шино, Гавӑл'а́нци-ӗј це́ло бри́шино. Уф–Ку́куш сӑ по́виче кулиша́не, и ут Стру́мица има. Нӑ-Штерјо и́ма, нӑ–Ма́ли́но и́ма, нӑ-Кӑл'ни́кӑфци и́ма, нӑ Ли́ка То́мчава и́ма те́тин, но́г а́рно гувóре пу-на́шо.* **Стӑрусиде́лци не́ма у-Ку́куш, ни ади́н, ни зӑ-ле́к.** *Са́мо уф-Арсӑво и́ма стӑрусиде́лци. Ами́нус то́ги-ј пуни́штино, ут-ко́рин еј иска́рно* [ПК,2(Крец-309-310)].

пуно́во adv 'кога нешто се повторува' ~ *а́јде, рӑче́л, са: нӑсӑд д-о́дӑме, прӑ де́до и прӑ-ба́ба, па́ пу-но́во сва́дба* [ПД(152)].

пуно́се pf **1. 'понесе'** ~ *"тебе ак та видат,[море врашко чедо,[ќи та прават, џанум,[парче пу парче,[залче пу залче,[мрава што пуносе"* [ТГ,102]; ~ *пол'е, пол'е широко, ф тебе бил'ки секакви,[мирисл'ави јубави,[пол'е, пол'е широко,[мома јоде за вода,[биќар јоде пу неја,[викна биќар продвикна:[Бре стој, моме, пучекај,[да ти стомни пуносам* [ТГ,-368]; **2.** 'кога нешто е усогласено, кога може да се поднесе' ~ *е́ј гу ја́динто, не́к ја́де, а́к му пуно́се маадето* [ПК2(178)].

пунуда (и: по́нуда) f **1.** 'нешто за јадење што се носи на болен' ~ *си земá пе́те па́ри и изл'а́зи на пӑтју, најде́ кали́нки да продаа̀т, купи́ една́ кали́нка да га пра́ти на ма́јка му по́нуда... му ве́ли: "на́ та́ја кали́нка, да́ га зака́раш на́ ма́јка ми по́нуда от ме́ника"* [V,РМ,109] – во текстот среќаваме уште еден пример за употреба на сврзникот **да** во декларативно-интенсионални конструкции, место 'дека': **најде́ кали́нки да проде́ат** (в. во граматичкиот дел); ~ *разбулел се дете нежинено,[нити жинено, нити армасано,[пусакало нешто пунуда,[нешто пунуда, шиќер црни сливи* [ТГ,158] – во контекстот имаме школски пример за несоодветна конгруенција, т.е. за нерегуларности во категоријата род: **разбулел се дете нежинено** (за ова в. во граматичкиот дел); ~ *нема никуј који да му носе,[који да му носе нешто пунуда,[се удбрала мома уд сред-село,[мома уд сред-село башта ми тирзијка* [ТГ,158]; ~ *ца́рски си́н си разбол'а́, си́чки по́нуда му но́сат, не ја́ди. Мома́та ве́ли на ба́ба̀та: "ма́јко, да́ му чи́нам и ја́зе една́ пи́та, на́ ца́рјув си́н да му зака́раш по́нуда!"* [V,РМ,134]; сп. – кога болеста ќе земе замав се јавува на роднините, и нивните жени доаѓаат да го *убидат* болниот, и по тој случај носат *пунуда* на болниот, како: *пугача, чорба русник, гутвено или пичено пиле, сирење, лубеница, калинка, партукал, лимон, миндале* и др. Посетителите го храбрат болниот и секогаш разговорот завршува со мислата: *"Ки даде Госпуд, ки уздравеје. Ка је Госпуд не је никуј... Ако саке Госпуд не му е ма̀ка"* [ТГ, 228]; **2. 'покана'** – кога детето ќе почне да оди мајка му ќе замеси **пугача** и откако ќе ја испече, им испраќа на соседите по едно парче, зборувајќи: ~ *Јован (или Ристо, или...) прауди и ви пуштуве пунуда да дојдите да гу видите* [ТГ,122].

пунуда рашадија f – првиот ден по свадбата (понеделник) околу пладне кај младоженците доаѓа мајката на невестата, заедно со неколку роднини, да ја *убидат* (посетат) младата невеста. Сите носат *пунуда рашадија* (= алва од нишесте, скроб). Откако ќе бидат почестени со истата алва, ќе поседат малце и си заминуваат (ТГ,187).

пунудица f в. **пунуда** ~ *кога ма̀ѓе ју̀д урајне,[они на пустели. – Е бре ма̀ѓо, мили ма̀ѓо,[мошне се разбулех,[ми тикнало пунудица,[па кукошкица* [ТГ,39-40]; ~ *три́ гуди́ни, ма̀ри Ка́то, три́ гуди́ни, а́јди де,[три́ гуди́ни, Ка́то, бо́лен ле́жа,[ти́ не́ до́јди, ма̀ри Ка́то, ти́ не́ до́јди, а́јди де[ти́ не́ до́јди, Ка́то, дӑ-ма̀ви́диш[дӑ-дуне́сиш, Ка́то, пуну́дица* [ДК,157].

пунта f 'некаков вид болест' ~ *еј, кога бех на 20 години дети, паднах болин демек от пунта* [МС-(В),76].

пунаѓу́бруве* impf 'става ѓубре (на нива) од време на време' ~ *и́ма пе-чéс гуди́ни а пунаѓу́брувам ни́вичката, тă а́рно ми-ро́жде* [ПК,2(92)].

пуо́ди pf 'оди за кратко време' ~ *на́лај си, и о́биди о́ти Профи́тин човéк уф Галилéа не испáги. Да пак ви́ки Исус а вика́, ém вéле: Ја́-сам ви́делот на сфéтут; кój и́ди пу мéн, нé ј кабúл да си пуо́ди уф темни́ца, туку ки си зéми ви́делот на живо́т ду вéка* [MV(K),262]; ~ *вéл'ат на нéгу Ученúци ти: Дидáскале, сéга ти сакáле да ти фрăцкат су кáмини Јудéите, па тáму сáкаш да си о́диш? Гувóри Исус: Нé ј дванáдесет саáта дéнут? Кój пуудúл на дéнут, нé си супну́а, о́ти му сă глéда ви́делот, и áку пуо́ди нéкој пу но́ка, сă сóпка* [MV(K)286]; ~ *да тáмо шо си лáфиа и сă чу́даа, и о́н Исус ка си наближúј пуо́диши су ни́х. Па ви́и нé му пузнајáле на нéго* [MV(K),253] – во контекстот имаме проширена употреба кратката форма за индиректен објект **му** во служба прав предмет, наместо 'го': **нé му пузнајáле на нéго**, од друга страна во истата реченица директниот предмет е во придружба на предлогот **на**; ~ *пá пуудúле, пуд-édно дру́го дăрво сăднáле дă-сă-пучúнăт и л'ăгнá- ле тăкá дă-пуспúт, дă-пудрéмăт. Пăт дăлк. Нéко пúл'ăнце фатúл дă-чăрчóре* [ПД,153]; ~ *пуудúле мáлце, го-сретéле пéтăлут. И мувéле и тój: "Дéка, пóбратúми, ќеój те?" И-тúа пá му-вéл'ăт: "Покăсмéт". И-тó му-вéле пá: "Нé ќемă-зéвăте и мéне?"* [ВМ(Сар),314].

пу́п interj 'за подражавање на шумот што се создава кога нешто ќе падне (пр. на земја)' ~ *стáна, утвóри врáта́та и дјáкут пу́п! на зим'áта* [MS,t,68].

пупа f 1.'вид земичка, мало лепче' ~ *да мелиш колку две-три оки, да го замесиш една пупа, да да одиш на пăтут, дек ке замине Ристос, да му речиш: "Даскале! Ти са мол'ум, воа леп е ноф, да гу благословиш да е блак!"* [V,PM,294]; ~ *"Слу́шимур, рăчéл, тóлко мă-прăсилú, чúм сáкиш дă-ти-кáжум и ки-ти-кáжум, áма пăрво шо-ки-нăрéдум ки-нăпрáвиш. Вáри чинúца, мéси пúпи, пустéли, суréди и нáпкум јáс ки-лéгнум, ќ-ýмрум"* [ПД,153]; ~ *си-прáвăхме тăквú пúпи, ут-тéстто шó мéсăхме лéбо, дă-ј-зăлáжувме дéчката. Нéкуј пăт ги-прáвăхме ус-шикéрче...*; ~ *Сéтне жéнта дунцéла мóма и мăжот имáл и óн мóма. Двé мóми бúли тúа. И-сјáа жéнта ут-мăжут мóмта нé а-сáке, гă-нéјќе. Е, шо ќи-прáве: фáјќе и́-измéсуве адна бéла пúпа. И, тáа пúпа гă-тăркáл'уве.Тáа пúпа дéк ќ-оде, уф-нéкаа вудúница* [ПК,2(Иц–285)]; **2.** fig.'ниска, дебела жена' ~ *Вáнќа-ј кут пúпа, зăтăвáј тăкóф зăăр* [ПК,2(92)].

пупадија f 'жена на поп' ~ *горе доло, Катерино,[горе доло јуф попове,[попут нема пупадија,[теб ки те чине Катерино,[теб ки те чине пупадија,[ти да му месиш, Катерино* [ТГ,100]; ~ *éдну врéме си-живăјáле едúн пóп и éдна пупăдúа. Пу-нéкулку гудúни уф-нúјнит брáк пучнúла неслóакта. Пупăдúата чéсто пăта сă-нăјдувáла ус-едúн нúјн кумшúа* [ВГ-(Бог)275].

пупади́ка f, в. **пупадија** ~ *е-на́пкунтӑ, му-сӑ-уди́ло пу-ну́жда нӑ-тва́ де́тӑнцуто, а-пӑ-та: пупӑди́кӑта, нӑ-по́по же́нӑ-му ричел́: "Лу́до, о́днес-о: тва́ де́те не́к сӑ-рӑскане"* [ПД,163] – во текстот има уште една илустрација за тоа дека категоријата род (во говорите што се предмет на нашиот интерес) не функционира редовно, сп.: **пупӑди́кӑта, нӑ-по́по же́нӑ-му ричел́** – субјектот во ж., а предикатот (л-формата) во м. род; за ова в. поопширно во граматичкиот дел ~ *е ут-та́мӑ, ко́јсте – це́л де́н ин-сви́ре сус-то: свиро́ло – нӑ-мо́жӑт дӑ-па́сӑт, гла́дни са́мо ско́кат. Ка́ ки-до́јдӑт, пле́тиштта ги-изӑдува́ли пу-гра́ди́нте, те́рат шо́ дӑ-ја́дат, не́ма. И-пупӑди́кӑта му-ричел́ нӑпо́по: "По́пе, ричел́, о́ди ви́ди, то: Лу́:то ут-ка́ флизе́ – а-пӑ-си-кӑжа́л о́ти Лу́до мо-ј-и́муто – ко́јсте пле́тиштта ги-ја́ат ве́чӑрта"* [ПД,162] – во илустративниот контекст прави впечаток проширената употреба на множинската наставка **-ишта: ко́јсте пле́тиштта ги-ја́ат.**

пупа́ја* f в. **пупадија** ~ *и́дну-по́п литури́сфа нӑ-дру́го се́ло. И то́ литури́јте и-но́се, ... нӑ-пупа́јӑта му ве́ле: "Бу́нда ти но́сӑм пупа́е"* [ДК,118]; ~ *и пупа́јӑта си-ӑ-исфа́рли бу́ндӑта у-о́гнут. Ко́а к-испу́л'ӑт – лиси́цӑта избига́наа. – "Е, шо́ систо́ри, мӑр пупа́ја? Лиси́цӑта жи́ва би́ла!"* [ДК143] – во последниот контекст номинативната форма е употребена со значење на вокатив: **мӑр пупа́ја?**

пупа́рин adj **1.** 'полиен со врућа вода'; **2.** fig.'многу загрижен' ~ *уддé Питру́ш кут пупа́рин, му-ј уткрӑдéли па́рте* [ПК,2(171)]; **3.** изр.: **кут пупа́рна во́шка** ~ *но́го нӑду́јн то́о ва́шијо зе́т мӑри́, кут пупа́рна во́шка, ла́ф не кажу́ве* [ПК,2(172)].

пупа́рува impf в. **попа́ре** ~ *ти́й чувéци шо-ми-ј дунцé нӑ-спи́јне ни устӑви́а сирми́а, сја́а са́ке да сӑ-ври́јме, дӑ-сӑ-пупа́рувме, дӑ-с чи́стиме уд во́шки* [ПК,2(194)]; сп. **сӑ нап'е́кува** [MS,s,93].

пупика́ва (сӑ) impf 'се помочува' ~ *д'ӑт'а́ту ут стра́ха сӑ пупика́ва* [MS,t,11].

пуплу́дница f 'времето меѓу ручек и вечера' [MS,s,84].

пуплитне́јн adj 'се кажува за човек со бледо, измачено лице' ~ *жӑлто́сӑн, бле́т чове́к* [ПД,115].

Пупо́во top. 'македонско село од северната страна на Езерото, Дојранско (за жал денеска во Грција), за време на Втората балканска војна низ него поминале колоните бегалци од Кукушко на патот кон Пиринска Македонија' ~ *Ни́а ут-та́м сӑба́линто фӑна́ме Пупо́во. Адно се́ло Пупо́во, а тӑка́-ј, нис-стре́т не́го зӑмина́ме. Та́м а́дни гуле́ми бре́стуве и́ма, та́а кра́ј. Ја́ о́ште сӑ-гле́ет та́м уд-До́јрӑн. Че́шма та́м, па́ сӑ-плӑднува́ме. На дла́гуто уде́не тре́бе дӑ-плӑдну́виш. Плӑднува́ме та́м, ка́ сӑ-залӑди́, ве́чӑр тӑргна́ме ту́ка на-кӑ́де Била́хца-ј тӑва́, Пуро́ј дека-ј* [ПК(Пос–290)].

пупра́ве pf 1.'направи да профункционира нешто што било расипано' ~ *анџи́јата гу-гле́де не́го, нӑ-ра́це гудӑ́рже. И дне́с тӑка́ – у́тре тӑка́, дне́с тӑка́, утре тӑка́ и анџи́јата пупра́ве-си а́нут, пупра́ве си-ста́и, купу́ве си-пӑјто́н и де́тто сус-пӑјто́ну си-ше́те из-гра́дут* [ВК,282]; **2.** 'дотера' ~ *тогá му-те́кнало о́ти и-на-то́ј, и-на-д'а́до-му му-кажа́л: "А с га-напра́ви́х та́а рабо́та, а́с-сам у́чан да-попра́вам, и-зато́ва а́с го-попра́ви́х тво́јо ракопи́с и га-зема́х*

ќе́рката" [ЛС(К),127]; **3.** – **(са)** 'се збогати' ~ *дава хи мулето, штјува на пазар', напаза́р'ува, накупо́ва на деца́та јад'а́не пеши́н'. Гладни... и им купува дрехи да са облекат. А па̀к брата му бил поп. "Ех – каа – нашија брат зашто та̀ј се поправи, то́лко чорбаџи́ја стана, ниви ку́пи, о́ло́ве купи, сичко има – казва, от де толкова пари?"* [ВД(Кал),334]; **4.** 'се здебели' ~ *са-пупрăви́ла, но́го а́рна стана́ла* [ПК(Пл)]; ~ *мина́ло вр'а́ми, а-на-фараон му-се-са̀н'и наса̀н, изл'а́гали кај-Ни́л, када́, и-кај-река́та, се́дам кра́ви. Ра́нити, дебе́ли, го́ени, го́ени, а́ма по́сли ни́ф изл'а́гали сла́би, одва́ј о́дат, ги-изл'а́ли на-го́ени́ти, а-па́ исти така́ оста́нали, не-се-поправили* [ЛС(К),112]; **5.** fig. 'среди нешто' (во негативна смисла) ~ *е, во́ дисета́рут ка̀ршинас сус-шма́јзерут у-нас навăрте́н. Па, еди́н, су-идна́ маши́нцка пу́шка, во́јник врăс-нас се́де. Он гле́да, демек, шо́ стану́ва су-диситарут. "Зашо́ ти шма́јзерут гу-и́маш у-нă- ро́дут, у-цивилте?" "Те́п не́-т пи́там зăшо́, зăшо́ не́, ја̀с те́бе доло ќи-тпупрăвăм!"*[БМ(В),193].

пупретка* f 'вид седенка' – група од девојки и млади жени зимно време, навечер одат дома кај некоја од девојките на **пупретка**, **тука** времето го исполнуваат со предење (оттаму и називот **пупретка**), но и со шеги и песни; истото го прават и во рана пролет, кога зимата сè уште се чувствува, но сепак сонцето грее топло, тие се собираат преку ден на некој *завит* (= заветрина – место што не го фаќа ветар) и тука работат по цел ден – низ шали, песни и приказни [ТГ,366]; ~ *ни́ă не́măхме ни о́фци, ни кра́ви, ни ко́јне. Ад до́јме на-пупре́тка. Ниве́стта ка-ј мла́да ќ-о́де уф ма́јкă-ј на пусе́тка* [ИГ,119].

пупре́че pf 'оневозможи, спречи' ~ *бига́ле шо бига́ле и пре́т-да-афтасăт грăни́цта ќа̀вăлут сараздуди́л. Ка-са-разбуди́л пу́ле – же́на не́ма. Са-пушти́л пу-зе́мја да-ло́ва, да-пала. Не́ма. Пу-не́го де́-бре, де́-бре, пре-кра́ја и-фтаса и та́м ќи-ј-пупре́че* [БМ(В),196].

пуприка́же (си)* pf 'проговори, прозбори' ~ *дăне́ска ше́те, у́тре ше́те, и сус-ца́рскăта мо́ма серăзгува́рăт. Дне́с се-рăзгува́рăт, у́тре се-рăзгува́рăт и фли́зăт уфадна́ гра̀ди́на, дека не́ма но́го наро́т и се́днăт нă-адна́ маса, си-пуприка́жвăт зă-л'убо́в. И се-аре́сăт* [ВК,282] – уште еден случај што потврдува дека во југоисточните говори перфективниот презент е реалност: **фли́зăт уф-адна́ гра̀ди́на, ... и се́днăт нă-адна́ маса.**

пу́пула f 'пердув' [MS,s,93]; сп. **п'е́ру, пиру́ш'ка.**

пупуне́син adj 'здрвен, вкочанет', "како **пупучиц**" [ПК(Ал)].

пу́пуниц (и: **пу́шиниц**) m, zool. 1. ~ *то́ј пи́ле, пе́е нă-про́лит, кул-Бла́гувиц, о́н ей шăре́н, бе́ло цăрве́нко, и́ма цуцу́лче нă-гла́фта. Пе́е: пу-пупу, кулку ја́рбица-ј, а́к-тă-прăби́е сăба́јлин нă-гла́дин куре́м, ќи-тсма́рде ди́о* – суеверие; **2.** bot. 'растение со црвени цветови, но не мирисат убаво' ~ *тре́ва ка́-ј мла́да гă-ви́кат ма́чиц, гă бе́рат за зе́ле. Ка́-ќ пура́сне, пу́ште висо́ки ра̀чки, нă-вăро да́ве пу́пки, сă-răспу́кат, ца̀фтат кут-афио́н. Не́кој гă-ви́кат бу́лка, ни́а пу́пуниц* – случај на употреба на перфективен презент: *сă-răспу́кат, ца̀фтат кут-афио́и*; **3.** fig. 'со негативен однос: се кажува за мал, низок човек' ~ *ви́дј-оо али́с пу́пуниц (пу́пăнц) ка́ о́де* [ПК,2(92)].

Пупуша top. 'могила, вештачки направена среде поле' (Серско), топонимискиот назив е изведен од апелативот **пупуш** 'папок' (според формата) [ЈИ,Ми..., 179].

пупа́ди́че n, bot., Matricaria camomilla 'лековито полско цвеќе, камилица' (Пат), во Гевгелиско: **ра́мо́јн** [ПД(122)].

пуразгуворе* pf 'позборува' (малку) ~ *еден ден са субрале сите жита, малце да се пуразгуворат. И дудека са фал'аа сите заедно, и ... првно зафати чиница(та) – кара башак – да са фале, вил'аќи: "Мене сите ма палат. Ма јаде и крал' и сирумах... и кога са рожѓат трабувум, и кога умират – па трабувум!"* [ТГ,342].

пурасна́н* adj 'оформен, израснат' – првата година кога е дојдена на младата невеста ѝ "гледаат низ прсти". "*Нека и е прустено! Уд чужда е куќа! Не е пураснана уф нас, па да знаје пу ќејфут да ни чине"* [ТГ,283].

пура́сне pf 1. 'се однесува за жив организам којшто со текот на времето се оформува, станува поголем' ~ *Та: ве́чӑр о́ни пӑ ки-пра́ви́ле пӑржеше́шка, има́ле ро́дӑно де́те, же́нцко. Тӑма́м сӑ-чина́ло пулу́ну́ш дуј де́ле нӑре́чниците и пучна́ле дӑкажу́ват. Пӑрва́та рачела: "Е, де́ј жи́ва и здра́ва, дӑ пура́сне гуле́ма..." Дру́гӑта: "Ка́ ки- пура́сне, то: шо́-ј до́јдӑн нӑ-го́сте мӑш дӑ-ј би́де"...* [ПД,151]; ~ *аман, Петре, милин ступано,[ка кајдиса ка на устави!?[који на деца мирам ки даде,[на сираци леб ки даде!?![така ки се мӑчат и путиркат,[зашто, Петре, јас устанах,[... деца који ки ни пурасне,[који на пӑт ки ни јискаре?* [ТГ,264]; – кога новороденчето прв пат ќе го залула бабицата ќе го благослови со овие зборови: ~ *да биде здрав, да биде касмитлија, сус леко да пурасне, ерген (или мома) да са чине, татко и мајка да зарадуве, уф село да са лаге, биз него ништо да не биве, сите на него да са питат* (од него да бараат совети), *поп да биде, ѓак да биде, учител да биде книга да знаје, сус сој соп да устареје, жена да дубије, деца да дубије, деца да изгледе, деца да ижене, гулема старос да дучеке!"* [ТГ,109]; ~ *не́ слу́шат де́цта, а не́ зна́ат ка́ква́ ма́ка се-ј ја́де́ло дуде́к дӑ-ј пура́сниш, уд мра́фка (ди-ј на́пра́виш чуве́ци)* [ПК,2(204)]; ~ *ра́сте висо́ко нӑ го́ре, ка́ ки пура́сне ста́блуто да́ве куту бо́цки; гуле́ми ли́ста да́ве уд до́лу* [ПД(123)]; – на крштевката кога го даруваат детето, кога оставаат по некоја пара покрај перницата ќе речат: ~ *Ајде, гулемо да пурасне, братче (или сестричка) да си купе;* ако детето молче ќе продолжат: *гледиш ли гу, укубетут нијединот! Се разберуве, па види ка молче за пари!*, ако пак плаче: *бре, бре, бре, ки се каже дека е! И оти бил јунак, па знајал да плаќе. Ох, ох! Грубутија нијадна! – Укубет и грубутија* – така викаат за да не го "урочат" [ТГ,116]; ~ *разглидајти а́рно пили́штити на не́бито, шо ни́то се́јат, ни́то жни́ат, и Та́тко ва́ш уф-не́бито и ра́ни... Учејтисте ут сфе́тицте уф-урма́нут как пура́стат, нито са́ ма́чат* [MV(K),264]; **2.** 'кога ќе се зголеми нешто што не е живо, пр. имот' (примерите не се многу, но сепак ваквата употреба на гл. **пура́сне** е реалност) ~ *арџувиту повикјӑ пурӑстеа, имајнту сӑ раздруби, борџувӑ фӑтиа да јспливувӑт* [ME(P),86]; ~ *дӑ-и́ма но́го уд-на́ште бижа́нци та́м. Ка́ удде́ме уф-Со́фја, не́мше нӑро́т но́го. А ка́ удде́е уд-на́ште Макидо́нци: "Со́фја, ви́кат, сӑ-наплуди́ се́га, пурӑсна́ Со́фја. Нӑро́т сӑ-*

нäплудú, кäшти си-нäпрäвúа" [ПК,2-(Иц-284)]; 3. изр.: **му-пурäснá рäбóтта** (= се однесува самоуверено, гордо) ~ *дéцта му-изучúа, сä-фатúа нä рäбóта и тáка рäбóтта му пурäснá* [ПК,2(178)].

пурáснуве impf 'станува поголем', ~ *дéтто сä-цäнýве гувäдáр уф-сéлто и мáјката дä-пáсат гувéата. Е, тóо дéте пурáснуве ергéнин. Рäбутúли аднá гудúна-две-три, вúке искáруват гувéта да-пáсат, глéде дéтто, аднá змúа прäкäршäна, лáзе* [ПК,2(215)]; ~ *глéдäхме бýба... Чим пурáсне гулéма, га-нарéдат на-гулéми óдäре и га рáнат гулéми грáнки. Одäре, крéвите им прáват, крéвите удлéси и уд-дäрва, лéси, тäрска. Иóна рäбóте мéсц-и-пýл, завúве óна. Зä-мéсц-и-пýл пурáснуве óна и завúве* [ПК,2(215)] – географскиот распоред на сврзникот **чим** 'штом' (се јавува во крајните југоисточни говори) нè упатува да заклучиме дека се работи за архаизам, а не за позајмница придојдена од север.

пурáсти pf, в. **пурáсне** 1. ~ *нá тóа врéми, дујдé Исус на Назарéт, тáмо шо бéши пурастéл, катý как имáл óн адéт, флизé идéн дéн уф сýбута на сóбар, и застанá да прикáжува* [MV(K)291]; ~ *и сäти шо слушáле кладéле уф сäрцито, ем вел'áле: А циба шо ки испáдни вóа дéти ка ки пурáсти?* [MV(K),322]; ~ *му-вéле вóлут: "Слýште вáка. Јáс нä-мójто гáзда двájсет гудúни му óра, мурäбóта: му-пурáсти и дéца и инудрýго. Ето сéга устáри, мä-пуштија у-äвлúäта, мä-тóкме дä-мä-зäкóле – му-вéле; нéма прáво"* [ВК(Рак),324]; ~ *наричé Гóспот на вáа прикáзна: Испаднá јарäцúата да си сéи сéмито му. Да тáму шо сéиши, кój зäрно ут сéмито му паднá на пäтут и си газá, и ут нéбито пилúштити гу издóа. Па дрýгуту паднá уфстрéт уф трäнити, да кáк си пурастóа трäните, гу удавúле* [MV(K),273].

пурастне* (и: **порастне**) pf, в. **пурáсне** 1. ~ *и сама си калн'аши днитy и касметјут, вел'ајке каде Бога: "ах, Боже, милички Боже! Не да ми раждаши мајка ми един камин или едно дрјаво, туку ме роди човек, ме порастна, да си горја на жив живот!"* [V,PM,195].

пурастýа* impf в. **пурáснуве** ~ *и слизé су нúх, да дујдé на Назарéт, и му слýшиши на нúх. Па мájка му а úмаши вóа лáф уф сäрцито. И Исус пурастýаши, и софúа му úдиши и дáр ут Гóспот и ут л'ýди* [MV(K),308]; ~ *и как са наближúле óсомта дéна да са чúни сунéт на дéтито, и му кладóа úмито Исус, шо гу кладé Ангилут шо не бéши родéн óшти. И дéтито пурастýаши, и ум си бéриши и суфúа* [MV(K),-307]; ~ *шó кúи вúде? Инä-мäлáтка сä-вäрте унäтре. Литáштем нé-сä удавúа дéцäта. И-крéва. Кóга ипýле – дéца. Тó си никáл дéца, пýстјут. Си-и-зéва, си-и-пурäстýва* [ДК,114].

пургóн m 'мерна единица за површина (на земја, во случајот на нива)' ~ *ду-годúнтä дéду Гóспут пá тäргнáл пу-зéмјатä и прáво нä-тá нúвтä при-урáчут: "Дубрýтру, јунáче!... Кá ти-вäрве, сúнку, урájнту?" – "Ми-спóре дéду, нóгу ми-спóре: зä-дéн изурýвам двé пургóни!"* [ВВ,310].

пурдавáч m 'човек што работи в продавница, односно на тезга на пазар' [ПД(Фур)].

пуридија f 'болест што се шири и ги "поредува сите" ' – кога ќе застуди повеќе времето, децата често се разболуваат од настинка, споменатава болест се вика **салгăн;** ако во исто време се разболат повеќе деца се вели дека владее **пуридија**. Оваа болест ја лекуваат така што на парче платно ќе намажат лој од овца врз која ќе посолат истолчен ким и таквата крпа ќе ја стават на градите на детето [ТГ,22]; **поридијата** може да ги зафати и животните, пр. болеста **шап** се шири од еден на друг кај воловите како **поридија; волот опфатен од оваа болест не може да оди,** *са шчипчуве* [ТГ,381]. .

Пурój top. 'место во јужниот дел од Пиринска Македонија' ~ *Ни́ја утта́м са́балинто фа́ната Пупо́во. Адно се́ло Пупо́во, а та́ка-ј, нистре́т не́го за́минаме. Та́м а́дни гуле́ми бре́стуве и́ма, ... Пла́днуваме та́м, ка́ са́-залади́, ве́чар та́ргнаме ту́ка на-ка́де Била́хца-ј та́ва, Пуро́ј де́ка-ј* [ПК(Пос–290)]; ~ *У Пуро́ј па́-с на́јде́ме. Мо́с, та́кво́ напра́вин на́-ло́тки... Ра́збуле́л се а́дна же́на там, ду-на́с бли́зу. Ка́ пумна́ме Ште́мница на-го́ре, га-устави́ли де́к ле́же, не́м ни́кој кра́ј н'а́, избига́ли* [ПК,2(Мор–219)] – во контекстот среќаваме уште една потврда дека категоријата род во овие говори не функционира, односно функционира само делумно: **ра́збуле́л се а́дна же́на там** (обратен случај од примерот *"тој рекла"* (< **тои рекль**), што го наведуваат повеќе истражувачи на долновардарските говори, секако со углед еден на друг, како потврда дека овде крајниот ер (во слаба позиција) се зачувал. Како што рековме, до односниов превид се дошло поради немање покомплетен увид во работите.

пуро́к m 'се кажува за човек што многу се нервира и за мала работа се лути' [ПК,2(92)].

пурта́рин* m 'чувар' ~ *си ја з'е́ ко́ш'ница́та са́с смо́кфит'а, ути́ва на мана́сти́ру, вили́ да фл'а́ј н'е́тр'а ут по́рта́та, пурта́рину гу ни уста́в'а* [MS,t,45].

пуртре́т m 'фотографија, слика' ~ *и за́по́чнува́т че́шма да́-се-пра́ве. Напра́ви-се че́шмата. Ка́жа на́-ма́јстурто да́-уста́ва́т една́ ка́мара́. И мо́мта има́ла-си пуртре́т, о́ште ка́а е-би́ла мо́ма уф-ба́штината ка́шта – са́што кутý ка́а е-би́ла. Ту́ра́т-гу пуртре́тут фуф-ка́ма́рта* [ВК,283] – уште еден случај на перфективен презент: **ту́ра́т-гу пуртре́тут.**

пуртука́л (-а́л') m, bot. Citrus aurantium 'јужно овошје со сочни и благи плодови' ~ *"на-ти т'ес два́та пуртука́л'а да ха пу́сниш' на жина́та-ти!"* [MS,t,86]; ~ *би́ш'и уч'е́л кутý у Атина, са́ би́ш'и фа́тил у иди́н ч'урбаџ'и́ја да прода́ва пуртука́ла* [MS,t,26]; во Гевгелиско: **партукала** – понеделник по свадбата кај младите доаѓа кумот и тогаш го носи својот *сујиш* (поклон) тоа е обично некој голем, бакарен сад (тепсија) полн со различно овошје: *партукале, кустејне, јабулки, шиќер* и сл. Сето овошје, особено *партукалето* се налепени *сус варак* (= "позлатени" конци) и покриени со свилен *кавrак* (вид шамија) [ТГ,188]; и: **портокал** ~ *кату промина от пантјут, един продавал портокали. Тој портокалциа беши едно момче лично* [V,PM,190].

пуртукала́ m (f) 'потсмешливо обраќање кон оној што продава портокали' ~ *д'е́ си с'ад'а́ха, са́ гутф'а́ха, ч'а за си л'е́гнат, му вили́ мума́та ...: "е бре́ пуртукала́, как б'а́ш'и, да как ста́на!"* [MS,t,29];

в.: **портокалди**.

пуру́ча* pf 'се најаде' ~ *пра̏ви̏а ручо́к, сидна́а, пуручáа, му-ви́ка: а̏j, ричé, во́ по́рциито зéви-го дӑ-муно́сиш нӑ-то́ што́ на̏j ми́-j ми́ло, на̏j ми́-j ми́ло. Гáзда́та му-ви́ка, зна́чи нӑ-жéнта-му дӑ-му-но́си* [В-Ев(Кор),304] – прави впечаток збороредот: партилулата за суперлатив **нај** е одделена од придавката на која се однесува со кратката зам. форма 'ми' и со формата од помошниот глагол 'е(ј)': **на̏j ми́-j ми́ло**; и: **поруча** ~ *удеки и аскерут дујде. Царувут зет му веле на шура мо: "Ад да поручиме, да напкум кӑ са удриме!". Са наручаа. "Сидејте виа тука!", риче царувут зет* [V,P-M,296].

пурцула́н m 'специјална, оплеменета глина' ~ *пија́тка мо́ш дӑ би́де уд мета́л, мо́ж дӑ биде ут пурцула́н* [ПД(120)].

пурӑ́мбину* adj 'материја на која има сошиено раб' ~ *па́ра̣м рӑ́мбови ут пурӑ́мбинуту* [ПсС(З),66] – во контекстот се зачувани траги од некогашниот назализам: **рӑ́мбови**, **пурӑ́мбину**.

пурӑ́мб'ува impf 'прави раб, порабува некоја материја' [MS,s,94].

пурӑ́мнувајнӑ n 'споредба, барање разлики меѓу некои работи' ~ *ама идно пурӑ́мнувајнӑ на тијӑ гудини су сигашните сӑ пулјӑ оти тогӑj јарӑци̏jте нӑ погулемите мал-сӑјбиj биле поарни* [МЕ(Р),85],[МЕ(Р),175].

пурӑ́нч'ин* adj 1.'објавен, нарачан' ~ *с'ӑканд'а̣ има́ш'и дијадо́сану ('му има́ш'и пурӑ́нч'ину') ... о́ти на кутра́ ска́ла да по́јат, да ги ни уста́в'ат да ја́хнат на гими́јата* [MS,t,58]; **2.** изр. **влӑко́ пурӑ́нчину ни ја̣де́** (= треба да се чуваме од злото бидејќи доаѓа ненајавено, впрочем како што волкот "го напаѓа, го зема тоа што не го порачал" [ПсС(З),66].

пурӑ́чка f 'нешто за кое некој има договорено да му биде донесено' ~ *Ту́рчин ади́н прӑпурдӑва́л пу́шки на куми́тто, сӑ-вика́л Ѓа́фура́га. Нуси́л аднуч пу́шки, му-дде́ли ше́јсе ли́ри. Се́тне Ту́рчино фа́ј̏ке, уф-тӑкви́ сӑндӑци нӑре́дӑве мӑстӑга́рки и-но́се, и-пруда́ве нӑ-куми́тто, му-зи́ме па́рте. То́ги не́-јутвури́ли, от та́јно сӑ-рӑбути́ло. И се́тне дӑдде́ли пуно́во пурӑ́чка... дӑ-фа́тат, дӑ-гу-уте́пат* [ПК,2(Крец–311)].

пуса́кник m 'младич во љубова врска со девојка, љубовник' [ПД,117];[ПД,114]; сп. обичај: на празникот *Св. Тодур*, навечер, кога ќе падне мрак, немажените девојки три пати ќе прескокнат преку некој поток зборувајќи: ~ *"Кој ми е пусакник, и који ми удилен, нека дојде ваја вечар заједно да пуминме праку воја мост"* [ТГ,45].

пуса́кница f 'девојка во љубова врска, љубовница' [ПД,117].

пусе́да pf 'остане некаде извесно време' ~ *оти он имаше нает пишин да ода на јдно руско село кӑд иден му другар, там да пуседа тро и напкум кӑда стреди на Бугуројчинут месиц да трӑгна* [МЕ(Р),67]; и: **пусе́де*** ~ *ка́ о-зӑпӑли́а Кӑли́нуво, а́с та́м би́х. Уддéх Кӑли́нуво нӑ-го́сте дӑ-пусе́дум. Туга́j стӑна́ та́а чу́дба. И на́ште те́пӑт и Ту́рцте те́пӑт. Адновре́ме Ту́рцте по́сустрӑши́а* [ВК(Мал),289]; во текстот имаме додаток за место без предлог: **уддéх Кӑли́нуво нӑ-го́сте** (наместо 'во Калиново'); ~ *мајка им си насмеала и рекла: "Јазе сум сиромашка; мојте моми не и зеваш". Царут и зевал. Ка пусиделе малце време, најстина пӑрвната и втората правиле, куту как рекле* [V,PM,267]; ~ *е бре, дивојче*

јубаво,[седни де да пуседиме,[гледи да се пугледиме,[јоти ки се разделиме,[далеко ки си падними [ТГ,100]; ~ *не́ е ма́лце, бра́т, трије́ат-гуди́ни да-не́-са-ви́јме. Ним-са-секи́рај, не́ма да-си-о́јш о́ште-ва́ нидел'а, у-нидел'а-ј про́чка, не́ка пуми́нат де́нуфте* (празниците), *ки-пусе́дме ка́ту-бра́т и се́сра, ки-са-пужи́вме тро́шкичка, ним бе́ри гаје́ за та́мка* [БМ(Сар),203]; односно: **поседи** ~ *кату немаши пари, што да чини, отиде на един ахтарин да поседи неколку дена* [V,PM,34].

пусе́ре* pf 'исфрли фекалии од дебелото црево' ~ *они л'у седна́ха, то́јнака на бра́та му ве́ли: "бра́те, ме́ни ми са́ пика́и! Ки си по́пика от ту́ка"... Па́к от ма́ра ча́с се́тни са посера́ то́јнака отго́ри. Бизирґа́ните фати́ха да ве́л'ат: "о-хо-хо́! ло́пова лопови́ца по дја́дова бради́чка!"* [V,PM,126]; ~ *т'е́ ут стра́х н'е́тр'а са́ пусира́ха* [MS,t,69]; ~ *а хи́тра Пе́три ут стра́х напа́лни га́ш'тит'а (са́ пусира́)* [MS,t,75].

пусе́стрима f 'другарка на невестата, таа учествува во свадбениот церемонијал' ~ *дал' си чула Като, разбрала,[твојут вујко, Като, свадба ки праве,[свадба ки праве, Като, син ки си жене?[ки те викат Като, за пусестрима,[ти да месиш, Като, бели пугачи,[бел' пугачи, Като, бели пуклојне* [ТГ,156]; ~ *на́пкумта ки-зи́ме та́ткото шо́ да би́де ут ру́ӑбта, ки блаґушо́ве, ки фӑрл'е уф-куфче́гут. Ми-ј да́ве га́јре, ала́л ми-ј чи́не. Ма́јката ки фӑрле и о́на така́. Ами и́мше мо́мта пусе́стрими? Они ки-ј надипл'аа ру́ӑбте, ки-ј напа́лнаа куфче́јзте и ки-ј зӑкл'у́чӑт* [ИГ,116-117]; ~ *пусе́стримте пе́ат: во́ди бра́че, во́ди,[прет ку́м да а но́сиш,[кум ка а дару́ве ду́јна ем нара́нза* [ИГ,117]; ~ *ела ми ела, пусестримо![дај, гиди, ветка пусестримо,[да ми седниш ду меника,[ду меника ле ду кулено,[да распетлиш де ред пител'ки* [ТГ,95]; в. **посестримка**.

пусе́тка f 'гостување но на кратко време' ~ *ни́ӑ не́мӑхме ни о́фци, ни кра́ви, ни ко́јне. Ад д-о́јме на-пупре́тка. Ниве́стта ка-ј мла́да ќ-о́де уф ма́јкӑ-ј на пусе́тка* [ИГ,119].

пуси́а f 'заседа' ~ *и как отидоха аф една гора, аф едно тјасно месту, Дели–Димо влезе аф пусиа и му вели: "скору...извади на мегдан парите ти, за да добиеш душата ти, ча ке да ти изјада, ча от Дели-Диму бегаш, а не знаиш, ча сос негу ходиш!"* [V,PM,67]; ~ *ве́чарта, два-тро́ица били́ ловци́и, ко́лку били́, ви́кат: "Слу́шај, ка́ко мо́жи ни́а да-го-зе́мме дете́то, да-го-спа́сими, на́ли". И-по́мислили, ќе-ста́вими зас'а́да. Зас'а́да зна́иш шо ки-се-ре́че: пуси́а* [ЛС(К),108].

пусидал'ка f 'девојка од соседно село дојдена да помага кај роднини кога има селска слава и *панаѓур*. Таа може да остане кај роднините уште ден-два и по празникот и затоа ѝ викаат **пусидал'ка'** [ТГ,223].

пусиделник m – игра на зборови, се римува со **пуниделник**; фактички сите имиња на деновите имаат парници што се изведени според желбите на мрзливите луѓе, сп.: **пуниделник – пусиделник, торник – удморник, среда – непреда, четврток – запрток, петок – на пазар, сӑбута – глава мијајне, нидел'а – уф црква удејне** [ТГ,9].

пусине́е pf 'добие модра боја' ~ *е, то́-ј чи́р, о́н ки-пусине́е, нӑ-вӑ́ро ки-пу́ште гно́ишта. Та́-ј си́нка, си́нкӑвица, ки-ј-до́ а́јн буру́н, тӑкво́ гно́јче. Ка́к сӑ-ска́пе та́а гно́јчта и*

то: сѝнкăвѝцта пулéка, пулéка сă-зéме, сă-зăгýбе [ПК,2(Грам–240)].

пусинувајне n – семејство (маж и жена) што немаат деца (*немат ут срце чедо*) можат да посинат некое дете, тоа се вика **пусинувајне**. Детето на тие што го усвоиле им вика *татко* и *мајка*, а они ги викаат *син* и *ќерка* [ТГ,276].

пусѝнук m 1. 'посвоено машко дете' [ПК,2(93)], односно: 'дете преземено од други родители' [ПК,-2(Грам–243)]; – посвоеното дете, ако е машко се вика *пусинук*, а ако е девојче – *пу̀ерка*. [ТГ,276]; **2.** '*пусинук* се вика и син од првиот брак на еден од сопружниците' [ПД(Фур)].

пусѝпин adj 'кога нешто ќе се покрие со пепел, со брашно или нешто слично' – пр. лебот кога се пече во подница е *пусипин* со врућа пепел, со жар [ТГ,300].

пусѝпува impf (в. **посипа**) 'покрива некој простор со нешто ситно, пр. со брашно' [MS,s,94]; сп. **насѝпува**.

пусирич' m 'погрден збор – посерко' (обично се кажува на дете) [MS,-s,94].

пуследук m '*коцулката* во која се наоѓа бебето пред да се роди' – се случува бебето да се роди *сус кушул'а*, во таков случај се верува дека таквото дете е *ајарлија* и *касметлија*. За таквата кошулка *(пуследукут)* се верува дека има чудотворна сила, па дури тој што ја има кај себе не може нити куршум да го *фати* (погоди) [ТГ,106].

пусле́дăн* (и: **сăдăн**) adj 'нешто што е сосема на крај' [ПД(Фур)]; ~ *пусле́днуто бра́т ка̀ту шо-гу срел'а́л: уд-ко́лку виси́на да па́дне чувéк ја́с ќи-гу-причéкăм уд дилéко, шо да-неса-уби́е"* [БМ(В),195]; ~ *Та̀ била́ ло́ша же́на и му-рекла́: "Не́ка да-умре́ш, ăма-и́скам да-ми-ка́жеш". И чул'а́ка са-приго́твил за-умира́чка. Ка́зăл-хи да-утре́би жи́ту да-уме́си хл'а́п и да-сва́ри фăсу́л зă-пре́кадă. Си́чку било́ гуто́у и то́ј утише́л за-пусле́дăн пăт да-си-види ка̀штăта* [ВД(ГБ),331]; ~ – *"Е, сéга, зă-тфо́јто а́тăр ќи-ти г-уздра́вăм. Ќ-о́јш ќи-му ка́јш на̀-си́н-ти то́а: "Оти ми пуса́ка но́гу па́ри, му-ве́ле, ма̀-нăл'у́ти". Ќи му-ка́јш та́ка. Ќ-ă-ви́кне нивéстăта, му-ве́ле, ду-не́го. "Елăј ми́ла! Елăј зла́тна! На̀-пусле́ден пăт". Д-ă-фа́те зă-ра́ка* [ДК,123] – во контекстот имаме "изместена" употреба на предлогот **на: на̀-пусле́ден пăт** (м. 'зă пуследен пăт'); сепак неколку реда подолу среќаваме: *зă-пусле́ден пăт.*

пусло́шува impf 'прифаќа нечии сугестии' ~ *"ќ-о́јш, ра̀чéл, ки-ви́кăме та́м на̀-упшина́та, ки-чу́кăт бăрăба́но: ма̀шко де́те сă-пруда́ве на̀-то́лко гуди́ни, са́мо зă-то́лко па̀ри́. Та̀ це́на, ни дина́р здо́лу, ни дина́р го́ре". – "До́бро", ра̀чéл. Гу-пусло́шува та́ткуто на̀-си́но* [ПД,144]; ~ *"А мо́ри ба́бо, ве́ле, не́ли-ј сра̀мо́та и гра̀о́та уд-чува́ците та̀ко́ф да̀-ма̀-гле́дăт. Оди, му-ве́ле, ма̀-зако́пи та́м уф-буни́шчăто, буни́шче ви́кăме ни: ѓу́брăто де́ка о-фа̀ркăт, са́мо гла́вăта да̀-ми-сă-гле́де". И та̀ же́на о-пусло́шува, о́де гу-зако́пува* [ПД,144]; в: **послу́шува**.

пусме́е (сă) pf 1.'се насмеа за кратко време'; **2.** изр.: **пусмија́л-сă а̀рбу́л на̀-шта̀рбу́л** (= кога нечија неуспешност се користи за прикривање на сопствените слабости) [ПК,2(190)].

пусмртче n 'дете родено по смртта на таткото' [ТГ,130]; пр. за суеверно лекување: – ако некој има отечени жлезди се "лекува" така што дете *пусмртче* три саботи по ред, пред да допре до огин, ќе плукне по жлездите – ; нешто поприроден е

вториот начин на лекување: на местото каде што има отечени жлезди се става крпа со варен ориз од што кожата се дупнува и жлездите истекуваат [ТГ,243].

пуснант* adj 'оставен да виси, пуштен' ~ *ти да глендаш хубае: гол'амата* (пишува: 'кол'амата' – очигледен превид, уредникот на Зборникот ставил sic!) *кога ки изл'ази, за има двете рӑнки на главата и кладени, стрјадната за има рӑнцјате и на појас, јазе сам нај-малка, рӑнцјате ми ки ги имам пуснанти надолу, мени да земиш!"* [V,PM,279] – во текстот ја среќаваме конструкцијата: **има (нема) + гл. придавка,** и тоа во првичната фаза кога придавката се сложува со предметот на кој се однесува: **рӑнцјате ки ги имам пуснанти.**

пусни* pf 1. 'испрати' ~ *веки не можа да тарпи боликата на детето му, пусна жената му на владиката да гу викни* [V,PM,40]; ~ *пу́сна пашата л'у́ди да те́рат, кој гу утепа́* [V,PM,27]; ~ *" си жа́л'а, ма́јко, ри́зико,[ри́зико́, ма́јко, на́реко́![нефе́лно́ мо́мче са́м зе́ла,[нефе́лно, мла́до ѓеди́че![" – "Пу́сни го, Ста́ко,[пу́сни го в го́ра зеле́на,[бе́лки го вӑ́лци изе́дат"* [ПсС(З),73]; **2.** 'даде' ~ *ко́н'у гу ви́каха "Вуке́фалус"; му гу пу́сна бакш'и́ш'* [MS,t,59]; **3.** 'отргне, извлече животно од запрега' ~ *достигнаха ду ламината земја при ливадите, пуснаха таму мулитата да попасат* [V,PM,44]; ~ *за умрӑкни, за за́пра о́лувету и за ха пу́сна да пуч'и́нат* [MS,t,65] **4.** 'ослободи' ~ *ни́а не́ ти чи́ними ни́шту на те́бика, л'у ки пра́тими хабе́р на та́тко ти, да ни пра́ти па́ри и да ти пу́сними те́бика* [V,PM,26]; ~ *тогај хекимџиата му вели на цӑрјут: "похарно е, цӑрју, да извадими от зиндано три харамие, пешин да мо везмими по един филџан крӑв с твој нештер, та да ги пустнеми от зиндан'у, да сетне да земим о-твојата рӑка крӑв"* [V,PM,168]; ~ *"а́ за т'а пу́сна сига́, ама́ гл'е́ј, да му ни фт'е́саш' на та́тку-ти, да т'а пукалн'е́ пак да ста́ниш' магар'а!"* [MS,t,55]; **5.** 'остави нешто да виси, односно да падне' ~ *видох сос учите ми, ча една гарга, кату л'аташи, гу имаши карагрошут на устата и гу пусна* [V,PM,40]; **6.** 'кога со притисок ќе се ослободи течност од нешто' ~ *Пе́три изва́ди идно́ ице́ ут џ'ибо́т, гу ст'е́гна ице́ту са́с ка́минут набу́н и пу́сна о́да* [MSt,75]; ~ *за дад'е́ мло́гу гро́зди ... за гу зма́чками у па́тусу и така́ за пу́сними ма́с* [MS,t,4]; **7.** 'израсне растение, односно дел од растение' ~ *рӑшта́ си пусна́ сӑнко́* (зн.'пушти стебленце') [ПсС(З),67]; в. **пу́шти.**

пусо́ле pf 'со ситни работи, пр. со зрнца, покрие нешто во тенок слој' ~ *ричел: "Ки-зе́миш, ки-фа́тиш еди́н ѓа́вул, ко-изго́риш, уд-не́гувӑта пе́пӑл ко-пусте́лиш мо́сто и ни́кој не-мо́же дӑ-гу-рӑсту́ре ве́че". – "Ми, ричел, а́с шо́ ки-фа́штум ѓа́вуле, ти́ гуто́ф-си, фа́тӑн". Зе́ме, гу зӑпа́ле не́го, гу-изго́ре. Гӑ-пусо́ле пе́пӑлта и-гуто́во, мо́сто не-гу-ру́ше ве́че ни́куј* [ПД,166] – во последните реченици имаме неколку примери со употреба на перфективен презент: **Зе́ме, гу зӑпа́ле не́го, гу-изго́ре. Гӑ-пусо́ле пе́пӑлта.**

пу́ста adj (m и f) **1.**'нешто напуштено', пр. **пу́ста ка́шта** (= куќа во која никој не живее) [MS,s,94]; и: **пӑст*** ~ *"Ки ти кажум едно нешто, ама*

ки ми (погрешно пишува: 'ки ти') *слушиш?" – "Ки ти слушам. Татко ми ми велише: "стар чувек што ки ти рече, да го слушиш!" – "Зад тоа, зад тоа рид има едно пăсто село; в таа, в таа кук̀а има чти-ри кукошки, едно петле"* [V,PM 273]; ~ *Ла́зăрца-j* (рид во непосредна близина на градот Кукуш) *тăквó ме́сто ка̀ту Свúти Илúи, а́ма нă-стре́т по́л'то-j. Не́коо вре́ме, нă-стре́дн'о де́н нă-Вилúгдин сă-тăрча́ли та́м, сă-нусува́ли и́куни. Бúло кути пăнăгúр, гу-прăвúли кути пăнăгúр. Нусúли и́куни, тăрча́ли – ко́j сă-ка́че го́ре. И се́га пу́сто ме́сто* [ПК,2(Крец–310)]; **2.** 'сиромав, кутар' ~ *шó ќи вúде? Инă-ма̀ла́тка сă-вăрте унăтре. Лита́штем не́-сă удă-вúа де́ца̀та. И-кре́ва. Ко́га и-пу́ле – де́ца. То́ си-нима́л де́ца, пу́стjут. Си-и-зе́ва, си-и-пурăсту́ва* [ДК,114]; ~ *пу́ста Ра́jна тăка́ сj-умре́, астре́тна за сѐ* [ПК,2(93)]; **3.** 'проклет, клет' ~ *уф-Нима́нци та́м г-утипа́ли Ту́рцте нă-Мила́н, нă-Го́це Де́лчув бра́т-му... не́ли кумúти, прăше́туват та́м ве́чăр, ве́чăр ше́тат, де́не ше́тат, а́ма дă-нă-мо́ж дă-j-вúдат бе́jсте. Ка́ удде́л, ка́ чинва́л, не́куj Ту́рчин изле́гăл. Он пă пу́зăт-ка́мино сă-крijа́л, Мила́н. То́ пу́сти Ту́рчино, ка́ фăрлúл пра́во г-удрúл уф-глáвата* [ПК,2(Пл–256)]; ~ *пу́сто дă-мо́-j и́мто, шо мо̀ дуне́ то́о стра́м;* ~ *пу́ст де́-j тако́ф живо́т* [ПК,2(93)]; ~ *тоj тога увăрувáл, разл'утил сă и răкал на ăдăн си ратаj, да jахнă и нăjă, и закланото дăтă на ăдăн кон, да ги заноси на ăднă далáчнă и пустă планинă* [V,PM,291]; ~ *"бра́те, фăр-ли, ре́кла се́страта бри́чут, да сă чúне о́стри ка́мăjне, дà нă мо́ж дà нă стúгне. Они па́ бе́гат. Ко́а дà вúдат, – па́ зàд ни́х и́де. Они "ла́м-ja" не вúка̀т – ту́ку "се́стра ми и́де" – се́стра пу́ста* [ИГ,109]; ~ *"Шо дă-нă-пла́чум, са̀те о́фци, му-ве́ле, ми-избига́ja". Му-ве́ле: "Jáс ќи-ти-и-суб̀е́рам, му ве́ле, а́ма ти́ на́j-а́рнуто jáгне нă-ме́не ќи-м-гу-да́ш". – "Мо́ре тфо́jо не́ка би́де, му-ве́ле, са́мо, ве́ле, збе́ри-и ини пу́сти!"* [ДК,-117]; ~ *а́jде о́де по́по, о́н до-на́се. Пасе́л, пасе́л, о-дуне́суве до́ма, па́ гра̀ц, гра̀ц, вăгл'а̀не гри́зе. "Така́-л' бе́ пу́сто, да́j тă-уде́рум жи́во". Не́ о-закла́л, гу-дра́л жи́во* [ПК,2(Мор–233)]; **4.** 'запустен' (нешто што нема вредност) ~ *царjут от мăра дни сетне са беши разбол'ал от тешка болка и са фати от вăрла чума; ка̀ту гу изчука, падна четиридесjат дни болин и после умрja. Пуста останала царчината му, и тогаj му ja земаха столнината други царови* [V,PM,195]; ~ *и́дести та́мо на́ пăрвиj гимици́а, му ве́ли: "те́бе, господи́не, ки ти по́зна за та́тку; ти са мо́л'а да ми зе́миш, да ми отне́сиш на не́коj дале́чно ме́сто, да си цjа́нем на́ не́коj чове́к". И гимици́ата гу зема́ и гу закара́ на една́ пуста зе́мja* [V,PM,108].

пустав m 'големо камено корито поставено пред чешма или до бунар од кадешто вода пијат добиците' [ТГ,429].

пуста́ве* pf 'намести, стави нешто некаде' ~ *дуjде́ адно́ нăрице́не Гăрцте сă-прăме́стат. Приме́ре биде́ло, прăме́ре. Фрăнцу́jсто, Англича́нто – ми́р, Гăрцте дă-с-jо́т до́ма, дă-сă-вăрнат па́ нă-ни́jнто ме́сто. И-би́ă пустăви́ли ка̀за́jнто да-сă-ва́рат. Мрăфките, ка́ сă-тăка́ пулви́н ки́ло, теле́шки, се́тне за́вăрни, нăпăрчат ка̀за́но, нă-ко́jно, а́jде* [ПК,2(223)].

пуставен* adj 'обложен', сп. обичај поврзан со свадбата: – во неделата пред свадбеното церемонијал младоженецот на невестата ја дарува со: *џубе свитини* (од чоја), *пуставено сус лисичини* (кожа од лисица или од нешто друго) [ТГ,174]; – облеката на младата невеста во работен ден е иста како што носат девојките, но во празничен ден, особено зиме, битно се разликува, тогаш таа носи *џубе пуставено су кожа* и *елянин фустан* [ТГ,268].

пустагóса (сă) pf 'се замисли' ~ *цáр'у сă пустагóса, ш'тó-j тас рáбута и му кáзува т'á, как бúш'и д'ăт'а, пуртукáла прудáваш'и, такá гу стóри на тóс р'éнт гу стóри з'éнт'* [M-S,t,30].

пустагóсува (сă) impf, в. **пустагóса (сă)** [MS,s,94].

пусталúа adj 'пуст, празен, запустен' ~ *на тóа врéми, видé Исус нóгу л'ýди, и прижал'á на нúх, и му лекувá на бóлнити лýди. Ка замрáкнá вúки, му дуjдéле Ученúците нéгови да му вéлеа: Мéстото устанá вúки пусталúа* [MV(K)-,266]; ~ *ричé Гóспот: Нúкој не си утúде гóри на нéбито, тукý сáл тóа шо ислéгал ут нéбито, Човéшноу Сúн, тó шо и на нéбито. И М... ка си навúсни змúјата на пусталúа мéсто, такá ки си вúсни и Човéшноу Сúн* [MV(K),292]; ~ *Ету јас ки пýштам Ангелот мój нáпри на тéб, вó ки испрáви пăту-ти при тéбе. Глáс вел'ála уф пусталúа: Исправéjти пăтут Господúноф, рáмно чинéjте пăтúчкити нéгува* [MV(K)-,307]; и: **пустили(j)а** ~ *коа се наогjаше стридурекут на сăта дуjна – тука, на во сеа туку речи пустилија место* [ME(P)69]; ~ *стăнýва дă-си-óде. Оде нóгу пăт. Гуфăтúло нúку дóш, нúку гăрмитúни у-нúку пустилúа мéсто – нéма дéка дă сă-склóне* [ДК,127]; односно: **пуштиúа** ~ *ку знá:, кăквá курúа е пуштиúа. Нóго нăрóд флизé в Гăрџија* [ИГ,122].

пустакúа f 1. 'овчја кожа' ~ *кóжа уд-óфца штáвна, ká-j студéно сисéдиш на-н'áа; нă-пустăкúj сéдат Тýрџте уф-џăмúита ká сă-клáнат;* 2. fig. 'се кажува за некој што е тепан-претепан' ~ *ки-т нăпрáвум пустăкúа* [ПК,2(93)]; ~ *снóшти адно ергéнче ká о-фатúа два-трýјца о-нăпрăвúа пустакúа. Нóго гу типáа* [ПК,2(187)].

пусте́л'а f 1. 'направа врз која човекот легнува да спие, т.е. дебела и мека постилка врз која човекот одмара' ~ *ej, болин леже грејин Ил'о,[на мека пустел'а...[ej, дружијна гу чекат, Ил'о,[на Солун да јоде,[ох, на Солун да јоде, Ил'о,[жито да туваре* [ТГ,38]; ~ *кога мăже на јурајне,[они на мијани,[кога мăже јуд урајне,[они на пустели* [ТГ,39-40]; ~ *Зашо такá вáшо Дидáскало сéди су имрукчúи и су грéшни л'ýди да jáди су них зájно? Исус ка слушá му рекăл на нúх: Нéмат касавéт здрáвјити л'ýди ут икилџúата, тукý бóлнити шо лéжат уф пустéлјата* [MV(K),300]; ~ *Кăрáјанăвта кýка бúше тăквá: кă ки флéjш уф кýкта, нă дéсно úма удájка (зă гóсте), нăпрáво трéмче, нă лéво киларче. Киларчто зă синдýџте, пустéл'та нăридéна тáм* [ИГ,119] – контекстот упатува дека под поимот **пустел'а** се подразбираат не само работите врз кои се леже, туку и она со што човек се покрива; и: **постел'а** ~ *"не ми потăнаа ниту корáбите, ниту пáри ми лúпсуват, но снóшти, кату си лигнахми на пóстел'а, от нéколку чáс лóшо сóн засонúх"*

[V,PM,30]; ~ *купи́л: по́стел'а, перници и други рабо́ти, што му требу́ваха* [V,PM,19]; ~ *тогас негов лала стори тертип, аскерот опрегна и кучиата сос четри кон'а бӑрзи. Постелаха нетри у кучиата сѐ златни постел'а, фати царју т, са прости сос царицата и вјахна на кучиата* [V,PM,210]; ~ *што н'а́шту му аре́саши за кӑштата, и купи́л: по́стел'а, перници и други рабо́ти* [V,PM,19]; кај Малецки: **по́стил'а** и **по́стилка** [MS,s,87]; 2. изр.: **нӑпусте́л'а-j** (= тешко е болен) ~ *до́м до-ви́м Ко́л'о, ви́кат нӑ-пусте́л'а би́л, не́ зна́јш шо́ би́ве, л'у́де сме* [ПК,2(185)]; со блиско значење: **на пустел'а лежи** (= боледува) ~ *ej Југнин, Југнин, добӑр јунак [три гудини болин на пустел'а лежиш* [ME(P),101].

пусте́ле* pf 1. 'приготви постела за спиење' ~ *ути́ди го́р'ӑ ж'ината, му пустила́ иди́н јатак за да си л'е́гни* [MS,t,37]; ~ *ути́духа нӑтр'ӑ ... си пустил'а́ха да пуч'и́нат* [MS,t,84]; ~ *а́j са́а ки-пусте́ле нӑдӑ-си-ле́гнат, дӑ-спи́ат. Нӑ-де́тто и нӑ де́ут. Ка́ си-лигна́ле де́уто ре́кӑл; "Де́те, а́с шо́-ќ рӑбо́тум и ти то́о". "Арно, ре́кӑл, де́до". Де́ут нӑпре́де ут-та́а кра́j нӑ-су́до, нӑ-та́а кра́j сӑ-вӑрга́ле, де́тто пу-не́го сӑ-вӑрга́ле* [ПК,2-(Крец–299)]; 2. 'ја подреди собата со постилки' ~ *ка си лафиле, напкум најгулемата мома рекла: "Мале! Да ма земе царут на син мо жена, ки му пустел'ум и ублечум арно удаите". Втората рекла: "Мен, да ми земе царут на синмо, арно ки гу причекувум, ки гу дучекувум"* [V,PM,267]; ~ *"Слу́шимур, рӑче́л, то́лко ма́-прӑсил, чи́м са́киш дӑ ти-ка́жум и ки-ти-ка́жум, а́ма пӑрво шо-ки-нӑре́дум ки-нӑпра́виш. Ва́ри чини́ца, ме́си пу́пи, пусте́ли, суре́ди и на́пкум ја́с киле́гнум, ќ-у́мрум"* [ПД,153]; ~ *"ни́е да-с-гу-де́лне да-н-са-ска́рнг. И така́ ки-н-гу-де́лиш ти́". "Арну", ре́кӑл кади́јта. Фати́л а-пусла́л уда́јта сукили́ме* [БМ(Зб),197]; 3. 'размести нешто во тенок слој (пр. врз земја)' ~ *ка ко́ пусте́л'ӑт жи́тто то сӑ ви́ке вра́х* [ПД,122]; ~ *как са вари́ хубаво чуменот, го турих на вреки и го послах на земен. И така легнах вӑрз него* [MC(B),76]; ~ *ричел: "Кизе́миш, ки-фа́тиш еди́н ѓа́вул, ко изго́риш, уд-не́гува́та пе́пӑл ко пусте́лиш мо́сто и ни́кој не-мо́же дӑ-гу-рӑсту́ре ве́че"* [ПД,166]; в. **постила**.

пусте́ни* n 'кога не се користат во исхраната маснотии – пост' ~ *во́а Евангелие са пе́и и за са́ти мӑртвити, за ду́ши, за са́та гуди́на, за Бужи́ќ, за пусте́нито за ме́со, и за си́рната суботта, и за Ту́дориц, и за Вели́кин Мӑртфин* [MV(K)331].

пу́сти* impf 'уништува' ~ *а пӑ-та́тку-ми пре́д две́ де́на ути́де а́кција, бе́ше рибар о́н, а́кција и дру́зи, дӑ-и-кре́вӑт ше́ива шо-и́мӑше та́му, дӑ-не́-и-пу́стӑт во́ата* [ВЕв,297].

пустина* f в. **пустилиа** ~ *и ни́кој ни са́ е пока́чил на небе́то, сада́ нова́ шту сле́зе от небе́то, челове́штија си́н, де́то е на небе́то та кату́ Мојсе́а как поди́гна земе́та на пу́стина́та така́ тр'абова да са поди́гне и ч'уле́штија си́н* [ВД(Тр),-327].

пустраде pf 'доживее несреќа' – во илустрација на заглавниот збор ќе го претставиме искажувањето на ***Гоце Петров*** (чии родители се од с. Крецово) за уништувањето на

Кукуш и за страдањата низ кои минале Македонците од споменатава регија за време на Втората балканска војна 1913 г. ~ *Вујната пучнáла уд-Амбáр-Кóј, уд-Девé Каráн. У-тáм тóпут фăтúл дă-бúе нă-кăт-Кýкушко. И тúа чувéци устăнáли зăд-вујнúците гăрчки и сj-устăнáли, нимáли-сă кá-дă-бéгат. Нă-Питрóвдин, нă-дéно, сме бéгни. И кá-j зăфájкат нă-нáште, уфжéтва, гóли, гóли бигáли. Огинут пучнáл ут-Стрéзуво, прéма Амбáр Кój кá сă-дигнýват, зúмăт на-вáки, пу-стрáнта, пу-Гáлик. Едни зимáли пу-Рóшлуфскăта Рéка, еднú пу Гáлик и са-jспăднáли нă-Гавăл'áнци. Уд-Гавăл'áнци кá зăпирдáшăвăт нă-кăд-Кăрáсуле, тóпăфто. И кá зимáли пу-вóзут, пу-Рéкта, пузăд Билáхца и дуjдéли, сă-лижáли тáа вéчăр нă-Гóр Тудăрák. Уд-Гóрăн Тудăрák кá му-тăргнýват, излéват нă-Ливáдăво. Уд-Ливáдăво излéват нă Струмá, нă мóстут. Мóстут нé păднáл нă-Струмá, мóстут păднáл нă Крéсна. Нăпрăвúли друк мóс дă-пумúнат. Тáма-j удáвăна Чăпăрáзăфта фăмил'а, цéлта. А-бе, já-ги Чăпрáсци уф-Струмица ги-úма устáнно нéкуj. Кá с-jо-стиснáла жéнта дéтто, тăкá га-нăjдéли дóлу чák кăда бájните, Мăрăкóстинцките бájни. Тáм гă-нăjдéли, дéтто стúснинко и тăкá ýмринки. Кóлта му-сă-убăрнáла уф-рéкта. Мóстут păднáл и тăкá уф-рéкта сă-j-здăвúла тá-фăмúл'а. И дéн дăнéска му-стóо кăштта уф-Кýкуш. Ас-бúх уф-тáа кăшта, утúдах. Кá к-ójш Милéт Бáхчта уд-дéсна стрáна, пут-пăтот-j нújнта кăштичка, стóо кут-диканче. Тáма-j Чăпрáзуфта кăшта. И ут-Шóпăвци адна фăмúл'а- **пустрăдáлиj тугáj**, сă-j-здăвúли на Струмá, áма тó-j чák нă Крéсна. Струмá óни гă-минáли ус-кулáj. Тóо нăрóт óде прăд-вујнáта, кój дéк нăjдéл. Е-е кóлк úма пу-пăто зăкóпино. Кýмре, ко-зăкóпат, к-ýмре, ко-зăкóпат. Устăвáли пу-пăто и дéчка. Дéчка úма устáвно. Кóлк úма е-ее, нóгино пу-пăто: зáвиj-го, óстав-го, зáвиj-го, óстав-го. И тăкá нáпкум и-брáла вујнáта дă нéкуj чák уф-Аликсáндрува бóлница и-нăjдéл у-Сóфja. А нéкуj кój умрéл, тáм сă-j-зăкупáли. Тáм г-устăвúли, пу-пăтиштта. Нóго-j тéшко бúло тăвá тáм. Нóго мăка-j бúло бéгинто нáшо, óти гóли, гóли сме бигáли. Нúа адúн кăрштăнúк úмме сjáа уф Сóфja живéе, ón усаднá тóрба и аднó дéте и аднá мóмичка тăкá-j киníсин, гóл, кá жнáл тăкá бигáл. Дóма сúчко устáвино, уф-Кýкушко, нáшто дóл. А па-еднá нáша бáба, систрăнúка, óна гă-ддéли дăдúка нă-нéкуj дóктур уф-Кýкуш. Она устăнáла, си-прăбрáла пáрте, сjáа úма фáбрика зă-пăпуци уф-Атúна. Е-е óна збрáла пáрте, от-тугáj сúчко устăнáло. И кá păспрáве óна, ка дуjдéли нă-вéчăрта, тăвá бúло грóзно. Нúс-сéлто гувéда рúкат, нéма кój ди-j-прăбéре. Уф-Крéцăво устăнáла аднá Кáта Мирцáнува сáма, нúкуj, сáмо цикáла, тăрчáла нис-сéлто, нúкуj нé-гă-зăлнат, нéтăмăм стăнáла. Пóл'то пучнáло да-гóре. Ут биркéто нúшто нé сă-збрáли, изгурéло пóл'то. Сéка кăшта-j зăпáл'на. Кăшта нé устăвúли аднá. Уф-Кýкушка укóл'а, сáмо има устáвно дистúнапетнájсе кăшти уф-Драгумúрци, дрýгто сè-j-изгóрно. У-Крéцăво-j устáвно сáмо цăркăфта и двé кăштички. Армутчúj-j цéло брúшино. Сăрú-гóл'-ej устăнáло, а тúа дрýкте сéла сè сă изгóрини. Изгóрни-сă. И сéтне сă-ги-păстурувáли (кăштте) зáрди пáри. **Стăрусидéлци нéма у-Кýкуш, ни адúн, ни зă-лéк.** *Сáмо уф-Арсăво úма стăрусидéлци. Ацинýс тóги-j пунúштино, ут-кóрин ej искáрно* [ПК2(Крец-309-310)].

пустра́ме pf 'кога некој ќе биде изложен на потсмев' ~ *ре́кал: Опак чове́к, се́кој ут ва́с не́ си пу́шќи во́лут и́ли магари́ту ут ја́слата уф су́бута, и а но́си да и напо́и? Ка и ве́лиши ви́а ла́фови о́н, са пустрами́ле сắти шо би́ле та́му су не́гу; и сắто инса́н сă радува́ле за сắти ви́а чу́дби шо сă исчини́ле ут не́го* [MV(K),278]; обичај – овошката којашто не раѓа треба да се *пустраме*. Треба да се отиде на Велика Сăбута в црква и да се однесе едно јајце. Кога ќе се врати дома јајцето (без некој да види) треба да се врзе за една гранка. Утредента в недела, треба да се повикаат некои познати луѓе и да се рече "Чуден асилат, чуден род!". По ова овошката ќе се засрами и идната година ќе роди [ТГ,350] – празноверие.

пустра́н* adj 'извалкан од голема нужда што ја вршел под себе' ~ *пе́тлут му-удгувóрва: "Зила́ф-е, зăто́. Ја́с читирдéсет и́мăм, сắте су-инă-сла́мка и-ла́ждăм, нă-ни́кој сắрцито не́-си-гу ка́жвăм, во́ на́-инă-пустра́на же́на, ќи-му-ка́же сắрцито и сăка́л д-у́мре"* [ДК,138].

пустред adv 'среде' – временски, в. **пустрид'а** ~ *на иде́н де́н уф суботá, пустред но́ќ до́шле же́ни навраз гро́бут, и а нуси́ле балса́м мирослúв шо таргува́ле; и дру́зи су ни́х. Да а најде́ле пло́чата тра̨кал'а́на ут гро́бут* [MV-(K),333].

пустредин adv **'среде'** – **просторно** ~ *пустилена су негувите високи треви и реката пустредин му като гулем темин ирам* [МЕ(Р),71].

пустрид'а́ adv в. **пустред** – **временски** ~ *пустрид'а вич'ăро́т зл'а́зух ут ко́низмáта... ја разго́л'ах* [MS t,73]; ~ *вич'ăро́т си л'е́гнаха; пустрид'а́ ве́ч'ăр ба́бата ја маéпса ж'ината* [MS,t,71].

Пустула́р top. 'име на село во Кукушко' ~ *и́мше аднó мӑле́чко се́ло, ка́ гу-ви́каа не́ зна́м. А-а-а, то́о би́ше Ґо́лдăс. Ама мӑле́нко би́ше то́о се́ло. То́о се́ло тăка́ сă-чини́ деме́к. Ка́ фати́ме, сă-рăстури́. Алóџалáр и Пустулáр, ти́а се́ла би́а по́бли́зу. Се́тне и́мше аднó, А мбáр-Ќój му-ви́каа, Кăра́ Буна́р пу ту́рцко. Ту́рцко би́ше, кăу́ре не́мше* [ПК,2(Иц–280)].

пустулча́ниц (и: **пустулча́нин**) m 'жител на с. Пустулар' – сп. сеќавања на **Ефка Кол'ува** род. во с. Иџиларе, Кукушко: ~ *ут-та́м сă-вăрна́а на́ши двăна́јс кӑшти пустулча́не ут-Пурój нăsă̆т, дă-сј-о́от до́ма у-Пустула́р. И ти́ја сă-вăрна́а, двăна́јсе кӑшти удде́ли уф на́што се́ло. Та́м збра́ли сто́ка, си́чко шо́ устăви́ме. Двӑ-три́ ве́чăра гул'а́ј прӑви́ли та́м, дуде́к и н-у́чат Гӑрцте и Ту́рцте. Дуџде́ли адна ве́чăр ги збира́т си́те мӑже. Де́к сă-ј уднисе́ли ни́кој и ден-дăне́ска не́ сă зна́а, ни па жи́в не́кој сă-јӑви́* [ПК,2(Иц–280)].

пусула f 'потврда, свидетелство' ~ *и сичките порти га помаза, и така сетни искара от конаќут владички пусула за да са венчај, отиде попови викна, отиде и на куумциовите порти чука* [V,PM,70].

пусф'е́нти (сă)* pf 1.'се посвети, стане светец' ~ *и таки́ утúди Ифти́му у гурáта с'е́тн'а да ни гл'е́да хи́ч' л'у́ди за да сă ни гр'ахо́ва и та́м сă пусф'анти́* [MS,t,44]; ~ *и но́с калу́јар, д'е́ си стујáш'и, там сă пусфинти́ и му сă ту́рнаха ко́кале́ту* [MS,t,46]; и: **пусве́нти*** ~ *свенцéту са напúсана на ико́ната; чувӑк са пусвенти́л* [ПсС(З),69] – во случајот имаме зачувани траги од некогашниот назализам, сп. стсл. **свѧтьць**; **2.** fig. 'се кажува за некој

што многу ослабнал' ~ *шо́ му-стăна́ нă-то́о чувéк, ка́ сé-j пусвити́л, стăна́л ко́ска и ко́жа, идва́j о́де* [ПК,-2(197)].

пусăка́лник m, в. **пуса́кник** ~ *ергéно шо-о-са́ке мо́мта-j пусăка́лник* [ПК,2(93)].

пусăка́лница f, в. **пуса́кница** ~ *мо́мăта пă шо-а-са́ке ергéно сă-ви́ке пусăка́лница* [ПК,2(93)].

путáм adv 'згора' ~ *двájси (двájсти) путáм* 'нешто над 20', кај Малецки: 'околу 20' [MS,s,94].

путáна adj 'неморална' (курва) ~ *"заш'о́, вили́, маскарá-сă?" – "даш'о́, вили́, ж'ината-ти путáнаj!"* [MS,t,70]; неморалната жена освен *путана* уште ја викаат **газина**, односно **руспи́ја**, сп. (кај Малецки) **руспи́ја**.

путéмне* pf 'кога нешто ќе добие темна боја' ~ *сéдум дéна сидéк, ни́ лéп, ни́ вóда; ýста ми-путимнéлă, кéрка плáка дóма, jác заутипájне! Е, имáл Гóспут за-мéн. Пá са-пуврăти́к ду-дóма, пá си-прибрáк дéца* [БМ(Сар),204].

путéра f 'вооружена група што пребарува и напаѓа' ~ *и не-би́-час, пу-врéме, фрăп – и́де една-путéра ут-то́-сéлто, а уд-дрýси сéла, да-кáжмă, кăу-патрóла – гулéма патрóла, ама ти́е су-сидумдéjсăт, су-стó дýши патрóла бéше, гу-убикóлувăт сéлто* [БМ(В),191].

путере* pf 1. 'побара' ~ *сă-вăрнáх нă-тóă мéсто, глéдум нéма ни́куj. Ви́кум: ки-стóăм тýка, тăкá сивéл'ум уф-акăло де, нéли кá киустáвиш адúн шéj трéба дă-сă-пувăрниш дă-гу-путéриш. Стăна́ стрéт нóш, ни́што нé сă-jáви* [ПД,-173]; ~ *пашóвите л'уди колку потерáа, н'áкој н'а можáа да фáтат* [V,PM,27]; ~ *и дjáдотó му кáзал: "Да са вăрнеш, сúнко, да му потéраш пет кóн'а натовáрени: едúн сос пченúца товáрен, дрýк сос мéт и едúн сос прóсо, и едúн на тéбjа, дрýгиа за невjáстата"* [V,PM,258]; 2. 'израсне, се развие (за растение)' ~ *Тоги арамијата гу запитал: "Ими как ќи пузнајум оти ќи ми са простат?" А дуовнико му ричел: "Сеј еден бустан пукрај некуј друм, а уф стреди забоди еден изгорин врбов кол... И кога тоа кол ќи путере, тоги знај оти Госпуд ти прусти"* [ТГ,147]; ~ *тоа вил'ајќи, емен си зима пушката... Таак! и чувекут на место си падна. Кога ќи се врне назад, и кога гледа врбов кол путирал цали ластаре* [ТГ,147].

путúр m 'чаша (убаво изработена, за свечени моменти)' ~ *гл'éда на главáта-jи идúн ш'андáн' сф'ăти ... и у страната н'éjă идúн пу- тúр ш'урбéт'* [MS,t,21].

путúрч'ă n, dem. од **путúр 'чашка'** [MS,s,94].

путирке* impf 'грубо отстранува, турка' ~ *аман, Петре, милин ступано,[ка кајдиса ка на устави!?[... који на деца мирам ки даде,[на сираци леб ки даде![така ки се мăчат и путиркат,[сите деца сус татко ки бидат,[сите деца татко ки си чекат – твојте деца грејни пилци,[грејни пилци бис сидело* [ТГ,264].

путиске impf 'притиска' – некои **јургане** (дебел покривач) се полни со крпи и се толку тешки, што човек ако се најде под нив му се чини како *да гу путискат девит вампирина* [ТГ,22] – податоците се однесуваат на периодот од почетокот на 20. век.

путúсне* pf 1.'се нафрли врз некого, го обори на земја, го притисна' ~ *напкун са хвăрлија от коните, ма путиснаха на мен, ми*

вăрsиха рăците и нозите [МС(В),74]; *~ ác зимáх, о-сликáх кубéто. Видé áјн млáт пóп, кá нă-пудгуни́, утмáм кá му-литнáме, испăднáме нă-Енешéвскo пăт и утúахме зă-Крундúрци. Едúн чувéк пáсше óфци, вúкум: "Бáче дáј áдна óфца бе". "Ела, двé ки-т-дáм". Утúах прăнéго, вúкум: ák-м-ýдре кo-путúснум, стáр чувéк éј* [ПК,2(Крец307)]; *~ и кá нăближúла лáмăта, лисúцта прáво: лáап курéмо, гă-путúсне, гă-сувлáде. Тóо Арáпино тăрче, сăнăмăчкáл крăф, óде, кăжýве: "Ас г-утипáх"* [ПК,2 (229)]; *~ кá о-путисна́: ýдри, ýдри, кóфте о-направú, нé вирýм уд-нéго гáаре чувéк дa бúде* [ПК,2 (202)]; **2.** 'се најде под нешто тешко, притиснат' *~ се пугудило, мале,[сè булникаво, мале,[сè булникаво, сè трискал'аво,[сум гу пуштила, мале,[на таја нива, мале,[девит погуна,[сум правила, мале,[слатук ми рачок,[зилен ми зелник,[кога утидах, мале,[рало си стоје,[него гу нема,[гу путиснала, мале,[гулема груда* [ТГ,141]; *~ áма тóо бúл нéшто рăзвратин чувéк. Пучнáл пу-жéнте д-џ-гóне тáм, д-џ-зăкáчуве. Дур нéкă не-сé-ј дáла и сéкăл цúцката и жéнта умрéла з-éн-двé дéна. Кá си-пéкла лéп нă-тó: мéсто, тáм гă-путиснáл* [ПК,2(221)].

путúснуве* impf 'врши притисок врз некого, го прогонува', в. **путисне** **1.** *~ едúн урáч сијáл двá дéна, нă-трéтјоо дéн фăрле врéјкăта нă-стрáна. Кáре он вулóфто, сéтне глéде двýјца лувџúј кá о-путúснуват н-éдин вăлк нăкăде нéго бáш* [ПК,2(264)].

путúсува impf 'прска со вода, навадува', сп. **напрăскува** [MS,s,94].

путиш'ти́ра f 'вид црпка; во други источни говори **лејка**' [MS,s,94].

пýтка f 'полов орган кај жените'; сп. псовка: *пýтка-ти мáјч'ина* [MS,s,94].

путкаде pf, в. **путкáдуве** *~ Лýто, мăлéчкио, сáмо тимéн зéл, тимéн шо-путкáдувăт нă-грóбиштăта. Утмáмка, кă-сă-свăлúле, уддéле нă-éдна гóричка и-гу-зăпăлúли то: тимéно. А-пă-нă-Гóспо гу-булéл зăбо, уддéл, си-путкăдúл зăбо, му уздăрвéл* [ПД,162]; *~ сја: гу тéре чувéко, кój гу-зăпăлúл то: тимéн тýка. Гу-нăјдéл. "Ти гу-зăпăлú то: тимéн?" – "Аз гу-зăпăлúх". – "Аз, викáл, зăп мăбóлише, двé нăдéли гу-нусúх, ми-уздăрвé ут-твó: тимéн, кá о-путкăдúх"* [ПД,162] – уште една потврда дека остато-ците од падежниот систем кај заменките во односнава регија се сериозно засегнати: формата за субјект во реченицата **аз** се јавува во функција на прав предмет (наместо 'мене ме'): **Аз, викáл, зăп мă-бóлише;** – сп. уште едно суеверје: "се случува породилката (ако е слаба и изнемоштена) да ја *гази сенка*", за да се "одбрани од оваа болест", навечер, откако ќе се затвори портата, куќата и постелата на породилката ќе се попрскаат со *светена водица* и ќе *се накадат (путкадат) со темјан*, така што *лушутиите* ќе побегнат од куќата [ТГ,111].

путкáдуве* impf 1.'кога попот на гробишта или в црква, со запален темјан, ја мавта кадилницата и го шири мирисот на темјанот' *~ утмáм тúй сă-свăлúле, двýјцăта брáтја. Е, сја: то: гулéмио брáт зéл тúй пó-árни шéăве, а то: Лýто, мăлéчкио, сáмо тимéн зéл, тимéн шо-путкáдувăт нă-грóбиштăта* [ПД,162]; **2. 'се** *путкадуве* и човек кога во негова близина ќе се крене дим (од било што) и ќе допре до него'. Сп. суеверие што се практикувало во минатото: -- некои, за да се заштитат, во сабота наутро *се путкадуват сус мечкина коса*

– [ТГ,111]; в. **путкадувајне**.

путкадувајне n – против болеста *треска* во минатото се преземало и вакво суеверно лекување: ќе најдат, ќе се исечат влакна од грбот на мечка што ќе ги измешаат со трева *сарамалџа* на што ќе се додаде *крпа* од облеката на болниот и неколку капки катран, сето тоа ќе се стави врз една ќерамида и ќе се запали в сабота наутро, и така запалено ќе му се поднесе на болниот да вдише од димот. Ако тоа не помогне, т.е. ако треската продолжи, тогаш ќе се организира, со помош на мечкарот, болниот да биде газен од мечка зашто веруваат дека треската се плаши од мечката и потоа ќе се изгуби [ТГ,230].

путкáжуве impf 'кога некој пренесува непријатни работи за некого на трета личност' ~ *нäкливе́туве, то· шу путкáжуве и нäбу́туве, то· сѐ аднó пу-дру́го. Кливе́те, а́ма дру́јсте пó-гуле́ми нäддáват* [ПК,2(Грам-242)].

путкáре* pf 'почне да расте' ~ *ут кá о-искупа́ме тит'у́но но́го путкäрá, сјáа дä-му-зäвäрне адно дóхче* [ПК,2(190)].

Пу́ткина Во́да top. 'пукнатина на карпа од која истекува тенок млаз вода' (*Карата́ш*, Валовиште) [ЈИ,Ми...,-179].

путкрена pf 1.'подигне, стави на повисоко место' ~ *му-ве́ле: "Путкре́ни сä трó ту́ка и́мáм инуни́што, му-ве́ле, д-извáдäм сéтне к-ä-клáм сóфрäта"* [ДК,118]; **2.** 'напредна во економска смисла' ~ *нејќи питајна оти пукрај другото и во гу путкрена на Постол* [МЕ(Р),71].

путкулн'áва (сä) impf 'застанува на колена', в. **поткол'áни (са)**; сп. **кл'éкнува** [MS,s,94].

путкýмник m 'вториот сведок во свадбата, втор кум' [ПД(117)]; [ТГ,169].

путкумница f 'жената на **путкумникут**, таа стои покрај **кумата**' [ТГ,169].

путнуве (са) pf – ако детето многу мокри и плаче, се кажува дека има **клинуве**, ако не поминат сами од себе тогаш *са путнуве;* сп. суеверен начин на лекување (забележан во минатото): ќе отсечат од гранка на смоква 40 парчиња, долги 3-4 см., и во сабота рано наутро одат со детето на селската река, ќе го одвиткаат детето до половина, ќе се земе едно парче од споменатите 40 и со него ќе му го измерат к... на детето и ќе го фрлат тоа парче в река или пак на суво зад себе со зборовите: *Ако са мокри – да истечат, а ако са суви да са исушат!* Така ќе сторат со сите 40 парчиња, едното парче го фрлаат в река, а другото на суво [ТГ,123].

путпáзва f (и: **путми́шка**) 'долната страна од градите накај мишката' ~ *си-ј-стóпли рäцто пут-пáзвата* [ПД(Фур)].

путпéче (сä) pf 'се загрее, се затопли' ~ *и́мше адна дру́га лиши́ца. А па вäлко сéко· сäбáјле идéл нä-гóсте у-нéй. Сäбáјле ќи-нäвáле óгино лиси́цта и óн к-о· дä-сä-путпéче нä-нéјн'о· óгин. "Е-е-ej" – си-ви́ке óна. "О-о-oj, кój ви́ке?"* [ПК,2(226)].

путпира́чка f 'дел од разбојот' ~ *прéдното крóсно е рäсцéпино.* (Има) *стáп зä зäпирáјне зäднóто крóсно* – **путпира́чка** [ИГ,121].

путпи́са* pf 'со своерачен потпис потврди нешто' ~ *ричé, јá жéнта ќи-ти-а дóнсäм, а́ма сáмо иднó ќисáкäм ут-тéп. Шó? Аку ми-путпи́сäш, ричé, хóтел Мäкидóнjä (мóжи дä би́ди) и фил'áн дуќáн, тó и тó. Ама само мäлчи, дä-нé лáфиш, дä-нé кäжу́виш óти ми-*

бига́ же́нта [ВЕв(Кор)305]; и: **потпи́ши** ~ *ác, ко̨а ќе-излезам да-говор̨ам, тогáј ќе-го-ослобóдити. А óн напрáвал тестамент. Ко̨а го-сýдат óди, го-нака́нува на-д'áдо-му да-потпи́-ши, пá да-го-ослобóди од-беси́лка* **[ЛС(К),126]**.

путпушкја* impf 'во однесувањето е толерантен, попустлив' ~ *по-кротките безu по-путпушкјăт, по серттӑ по грабăт* [МЕ(Р),85].

путпӑржува impf 'става запршка, го запржува јадењето' ~ *путпӑржј-о фăсýл'о* [ПК,2(93)].

путпӑршка f 'кога се приготвува храна на крај се става **путпӑршка**' ~ *тóј áдна лăжи́ца брáшно, áдна глáва крумúт, цăрвéн пипéр и мăрсни́на, сă-испӑржува и сă-клáве нă-фăсýл'-ли, нă-нéкаа дрýга мáнца* [ПК2(93)].

путра́га f **1.'проследа'; 2.** изр. **гу-зе́а путра́га** (= почнаа да го следат) ~ *и-нусúа дéцта и си-вăрнáа óни, кăту кумúсиа тáм. Вó дéте гу-зéа путрáга зă-лóшо мислéјне кумúсиата* [ВЕв-(Кор),304].

путре́бе pf 'почувствува потреба од нешто' ~ *нă-дрýгăта вéчăр: вă̆лко, мéчкăта, зájците, сúт сă-изридúле. "Ими, рă̆чéле, ти ки-нă-рáниш уф-та: дă̆лга зúма и-тăкá ки-прăживéме. Ни, шó-ки-ти-путрéбе нă-тéбе, ки-ти-спумóгнăме"* [П-Д,154].

путре́се* pf 1.'го потресе болеста', в. **путре́суве** 1. ~ *вéли на нéгу: А бизвéрна рóда, дýри кóга ки бúдам су вáс? Дунсéјти гу вáка на мéне. И му дунсóа на нéгу кăд нéгу. Да кá гу видé, скóро емéн гу путрисé на нéгу рă̆ѓата, и падná на зéмнјата, си вáлкаши су пéна уф ýстата* [MV(K)285]; **2.** – **(сă)** 'се потресе, се растрепери' ~ *ém вéлиши на нéгу: Афéндо, да бéши тýка, нé умúраше мójот брáт. Исус как а видé на нéа шо плáкаши, и на Чифýтити шо си дујдéле су нéа шо плакáле и óни, сă размáти дýшата, и сă путрисé снáгата му* [MV(K),287]; ~ *и сă̆ти л'ýди пáк сă мóлиа на Бóга нáдвор на саáтут на тимнјáн шо испáги. Етy му си кажá Ангелут крă̆ нéгу Господúнќут, шо стóиши уф дéсну уф валтáрут на проскомодúата. Да ка гу видé Профúтин Заарúн сă путрисé и сă уплашú* [MV(K),294]; ~ *га гу виде у дома му, са потреси и еднош тече на кадиата, зема един музурин, отиде у дома; гу земаха лудојут, гу занесоха отпрет кадиата* [V,PM,230].

путре́суве impf **1.'прави нешто да се тресе'; 2.** fig. 'измачува некого, односно прави да доживува големи непријатности' ~ *шó óде дă̆-j-путрéсуве чувéцте кój знáа ?!;* – **(се)** ~ *бигájќи нóго сă-путрисéме нúа кукушéне* [ПК,2(93)].

путрисе́н* adj 'возбуден, загрижен, исплашен' ~ *рéкал Пéтро: Пувéлнин, сфéтут ти стéгат и ти тúскат... Исус па ричé: Ми фатú идéн; óти јáс пикасáх шо испаднá кувéт уд мéн. Да как си видé жéната шо нéма да си скрúи, дујдé путрисéна, и му кажá на нéгу за шт'о сибéн гу фатú, му си кажá на нéгу áлут* [MV(K),276]; ~ *бéши писáно: Дýх Господúново... ми пушти́ да сă радýвам на сиромáсити, да и лекýвам на тúи шо са размáтени уф сă̆рцито, да си кажам на ќóлити здрáв, и на слéпити да глéдат, и на путрисéнити да си пруштáват* [MV(K),291].

путрисилăк m 'измачување, малтретирање' ~ *шó-j тóо путрисилăк ут-тéбе, шó-j тáа чýдба* [ПК,2(93)].

путроше pf 'кога нешто ќе нестане, пр. пари, односно некој продукт' ~ *Служба, а?! –А-а тоја е замански адет. Их, што са работи работаа тоги! Тија адете сега и нема, и забравија. Ама куту как тија адете са забравија – така и Госпуд на забрави! Дека ваден чувек има толко да путроше за една служба* [ТГ,208].

путсúре pf 'така се вика процесот кога од млеко со помош на сириште се прави сирење' ~ *млéкуто кá ки-сă-измăлзе сă-цéде сус цéтка, а-сúрнуто пá, кá ки-сă-путсúре сă-цéде сус-цăдáлка. Тá-j ут-плáтно. Кóга сă-измăлзе, кăде нáс тýка, сă-исцéдуве и пóсле, кóга е óште тóпло, сă-турýва сúриште и сă-турýве нă-тóпло мéсто дă-сă-фáте* [ПД,156]; ~ *ќи-j измóлзат óфците, ќи-прăцéдăт млéкто. Ак сáкиш д-о: путсúриш ќ-о: путсúриш, áк нé ќо-устáвиш з-ýтре. Кá гу-путсúрувиш нăднóч ќи-му-тýриш мăјáта* (= сириште). *Кá ќи-му-тýриш мăјáта óно ќи-сă-фáте* [ПК,2(255)] – развојот на вокалното **л** во 'ол' не е типичен за југоисточните говори, сепак примерите: **измолзе, измолче**, не се позајмени, туку се резултат на внатрешен развиток (лабијализација).

путсúруве* impf, в. **путсúре** ~ *ќи-j измóлзат óфците, ќи-прăцéдăт млéкто. Ак сáкиш д-о: путсúриш ќ-о: путсúриш, áк нé ќо-устáвиш з-ýтре. Кá гу-путсúрувиш нăднóч ќи-му-тýриш мăјáта* (= сириште). *Кá ќи-му-тýриш мăјáта óно ќи-сă-фáте* [ПК,2(255)].

путстрúк m 'делумно стрижење на овците' ~ *óфците и-стрúжат уф пýкта-жéга нă-курéмо и кул-пáшкăта, тóо о-вúките путстрúк.* Сп. уште: ~ *Тýше-j нă-путстрúк уд-зáстрин, óш гу нéма дă-сă-вăрне* [ПК,2(93)].

путулéјко m 'човек што се прави наивен, а "зад грб" врши лоши работи' ~ *áрин путулéјко-j, дýр дă-вúјши ќи-тă-зăгáзе* [ПК,2(93)]; в. **путулúн**.

путýлин adj 'човек што работи подмолно' ~ *нáјпутýлин ут-сúте-j тóо вáш Гóне* [ПК,2(93)].

путунýа pf 'се губи во водата, потонува' ~ *рéкал: Афéндо, áко си ти, пóвели да дójдам кăт тéп јáс пу вóдата. Он му рéкал: Ела. И слизé уф кáикут Пéтрос, си газá уф вóдата, да си óди кăд Исус. Нúли бéши вéтар сúлин, му паднá стрáх; да зафатú да путунýа* [MV(K),267]; в. **потăни**.

путрáгне pf 'повлече' ~ *úсто-j то: трéва, широ́чки лúста дáве; кá ќо: путрăгниш óдма куту кóнци сă чинýвăт* [ПД(122)].

путрáгнуве impf, в. **путрáгне** ~ *Бýкăта дóлу тéсна-j, тá: сă-вúке пујрá. Прăку-нéă, óти-j тéсна, вó:та сúлно удúре нă-чáрго. Нă-пујрáта сă-турýве éдно дăрво шо-сă-вúке сăвăк. Кóга сăвáко сă-путрăгнуве нăзăди, тугáва вéч вó:та чúсто удúре нă-чáрго и вăрте вудни́цата* [ПД,171].

путурчúк m 'пејоративно обраќање кон Македонец, христијанин што ја сменил верата, односно станал Турчин' [MS,s,94]; в. **путýрчин**.

путýрчин adj 'тој што си ја сменил верата, од христијанин го прифатил муслиманството, т.е. се потурчил' (во минатото двата поима имале исто значење) ~ *тó дéут Трăјáн лáни умрé. Он, мáјка-мо бúла потýрчина за-нéкуј Тýрчин. И-рудúла*

дéвé дéца. Едното Трăján, еднóто Ил'о ги- кăрстúли. Ká бигáли, сéстра-j ричéла: "Ел мăр-дóдо уснáс, дă- нé тă-изгóрат". Она рéкла: "Дéк мăжут и-ác тáм" [ПК,2(Крец –312)].

путфрлено adj, n (во случајот поименчена придавка) – додека не се крсти бебето не смее да се вади надвор, исто така не смее да се бакнува бидејќи се мисли дека е нечисто, а го именуваат со различни имиња, ако е машко: *путфрлено, ѓупче, џуре, шилеже*, ако е женско *пуже* [ТГ,113].

путчýкуве impf 'лесно удира' ~ *стáрасум јá, нé ќи-сéдум. Сáма чéра испрáх. Трú-арнúј вóда клăдéх. Снáата кăпнá викáјќи: "Нă-мójш мáле, нă-мójш тú дă-пéриш". Ká испрáх мивéле: "Ашколсýн мăр мáле, áфирин", мă-путчýкуве пу-гăрбо* [ПК,2(Иљ–286)].

путắрче pf 'побрза' ~ *ák путắрче вăрáко ќи-j пáдне, чúниш* [ПК,2-(155)].

пуќерка f 'усвоено женско дете' – семејство (маж и жена) што немаат деца (*немат ут срце чедо*) можат да посинат некое дете, ако е девојче се вика – *пуќерка* [ТГ,276].

пуфáл'уве (са) impf 'искажува пофални зборови' ~ *цáрицăта сă-пуфáл'уве нă-шчеркá-ú óти ýбуво кавé вăрúл сúно нă-кăвă- цúта, а и дéтто бúло ýбуво, млáдо, зă-жăнýвăне* [ПД,145]; ~ *"штóм нéмиш нúкуј, ти пá нă-мéне ки-сă, нéго ти кути стáр ги-чýви ти пăрú". Нă-дрýгио дéн цáро сă-пуфáл'уве нă-цáрицăта: "Е, вéле, цáрице, уф-нáшио кăвăцúúмă ѐдно дéте, сéга шó прáве едни кавéта, нé сáмо, вéле, шо-j кавéто, и дéтто, дă-гу-вúјш, уф-чáша доиспúјш"* [ПД,145] – во контекстот среќаваме две граматички посебности: прво, присуство на адверсативниот сврзник **него** наместо 'туку, но': **штóм нéмиш нúкуј, ти пá нă-мéне ки-сă, нéго ти кути стáр**..., втората посебност е во врска со линеаризацијата: кратката заменска форма се јавува во препозиција во однос на глаголот во императивни форми: **ти кути стáр ги-чýви ти пăрú** (м. '... чуви ги'); и за едната и за другата в. во граматичкиот дел.

пуфашта impf 'ангажира' ~ *му-вéле нă-тáтку-му: "Aj, тáтко, ќи-си-ójме сéга дóма". – "Де óше де!" – "Нé, úмме нóго пáри", му-вéле дéтто. Дéтто знáе кóлку пáри зéл ут-крáлцкăта ќéрка. Е, си грéдат дóма. Дéтто пуфáшта мăjстóри дă-прáве кýјќа гулéма* [ДК,128] – во контекстот имаме обратен ред: атрибутот доаѓа зад именката: **дă-прáве кýјќа гулéма**, што се третира за влијание од балканските јазици.

Пýфе Дересú top. 'рекичка' (турц.) [ПД,135].

пуфка f 'мешунка полна со кафен прав, се фаќа на некои растенија' (возможно дека е вид печурка) ~ *ác ќи-чúнум тăкá, лéбо дo-зăкáчум нă-кóлта, то тăркáлто, а врăс тóо тýка прăс пумúна и мă-изгурé. Чурáпо ác искáрум, глéдум мáлчко сăдăржe нóхуто. Гу-вăрsáх кăпúно лúсто. Ут-тáа кăпúнта лúсто нăjдéх пýфка, гу-вăрsáх* [ПК,2(240)] – во текстот забележуваме две посебности, прво: употреба на именка како атрибут на друга именка (образец позајмен од турскиот јазик): **ут-тáа кăпúнта лúсто**; и второ – присуство на перфективен презент: **чурáпо ác искáрум**.

пуфтóри* pf 1. 'кога нешто по втор пат се врши, односно се јавува' ~ *é, сéга, му-вúка, гуспудúн, ричé, јá мóжи нéкăквo, áма тýка пák ќи-ви-пуфтóрма сéга. Дă-вúите кák имúло кучéнцито. Вúј-гу кучéнциту. Гу-викá. Удри-му иднó стáп* [ВЕв-

(Кор),305]; и: **похтори** ~ *пак похто́рил хизмика́рја му та го́ попи́тал: "Ка́жи ч'орбажи́!" И бјазарѓа́нина му ка́зал: "Ето такӑ́ф ми е кау́лја сас ца́рја: "До три́ дни́ ако́ да ни му ка́жа, глава́та шта ми зе́мја"* [V,PM,256]; **2.** – **(сӑ)** 'се ожени повторно' ~ *бии́ш'и иди́н ивдуве́ц... сӑ пуфто́ри то́ј, з'е́ ина́ дру́га ж'е́на* [MS,t,61]; ~ *една́ же́на пуфтури́ла, има́ла две́ ќе́рки. Една́та гӑ-нуси́ла, не́јна-си. Една́та га зӑвӑри́ла, удмӑж-иј. И тӑка́ ца́рут г-ӑриса́л мӑ́жуфта ќе́рка. Ќиркини́кта г-ӑриса́л, не́ не́јнта* [ПК2(Крец–299)]; ~ *един цар от жена останал вдовец, и от жената му останала една момичка малка до осам година. Момичката кату останала сирачка, царјут ја пусна на една друга мома, ча да са учи марафети... Татку и сакаши да си пофтори, да земи друга жена* [V,PM,275]].

пуфто́рин* adj, num **1.** 'нешто што следува зад она што е прво, втор' ~ *Исус му ре́кал на не́гу: Да си милу́ваш на Стопа́нот, на Го́споти, су сѐ сӑ́рцито и су сѐ ду́шата и су сѐ ра́зумут твоја. Ваа ја напре́жна и гуле́ма пуве́ла. По́фтурна пак кату́ не́а то́кму: да си милу́ваш на кумши́ата кату́ те́б* [MV(K),270]; **2.** 'тој што повторно стапил во брак' ~ *а́дно вре́ме има́ло е́јн чуве́к дуве́ц, зима́л пуфто́рна же́на. Има́ли две́ де́ца: адна́ мо́ма* (**мома** во Долновардарско значи женско дете воопшто, дури и бебето ако е женско пак е **мома**, додека во соседните источни говори значи 'девојка') *и адно́ де́те* [ПК,2-(227)].

пуфто́рно adv 'по втор пат појавено' ~ *пуфтура́к сӑ ви́ке и не́ко: си́тно не́што шо ки испа́дне пуфто́рно, дӑ ре́чӑме гро́зде или пӑ сӑја́л си не́ко: жи́то, а пуфтура́ци на́пкум испа́дна́ли* [ПД,122]; в. **пофтур**.

пуфто́р'ува* impf в. **пуфто́ри** ~ *се пуфтуру́ват две́те пра́вни ре́дишта* [МЕ(Р),95]. Заб.: во синтагмата: **две́те ре́дишта** имаме интересна употреба на множинската наставка **-ишта** во пример со избројана множина.

пуфтура́к m 'сено од второто (есенско) косење, *уф дру́ги се́ла му ви́кат ота́ва*' [ПК,2(93)]; ~ *пуфтура́к сӑ ви́ке и не́ко: си́тно не́што шо ки испа́дне пуфто́рно, дӑ ре́чӑме гро́зде или пӑ сӑја́л си не́ко: жи́то, а пуфтура́ци на́пкум испа́дна́ли* [ПД(122)].

пуха́хан* adj 'загледан' ~ *ш'и́ч'ки си уста́наха пуха́хани за да ги гл'е́дат т'ӑ́х, е́м си вил'а́ха "такфе́с пилца́ н'е́мами ви́д'ану дур сига́"* [MS,t,58].

пуха́ска (си) pf 'се загледа' ~ *и прул'е́тна пи́л'ату на го́р'а и фа́ти да псала и јас си гу пуха́сках мрӑ́ва дур сӑ загуби́ пи́л'ату* [MS,-t,45].

пуцко n, zool. Podiceps minor – тоа е мала страшлива птица со црвенопепелави пердуви. Има мали нозе и на секој прст одделно кожиче за пливање. Се храни со риба, а нејзиното месо се јаде [КД,57] – станува збор за птица што заедно со други видови птици – преселници во зимските месеци доаѓаат крај Дојранското Езеро, а рибарите се помагаат со нив во рибарењето.

пуцӑ́рвине́е impf 'кога нешто добива црвена боја, поцрвенува' ~ *стрӑмли́ф чуве́к не́кој, ка́-ќ фа́те да гувóре не́што стра́мно, ќи-пуцӑ́рвине́е али́с ра́к* [ПК,2(191)].

пуцӑ́рнуве pf 'кога нешто добива црна боја' ~ *то: у жи́тто изле́ве, га́т, и́ма цӑ́рни зӑ́рна, уд н'о: пуцӑ́рнуве бра́шнуто* (објаснување за растението

ка̀ркол' = какол) [ПД(123)]; в. **почарни**.

пуча́стуве impf 'кога ќе дојдат гости им се подава нешто да каснат, односно да се напијат' ~ *ее, сјáа дру̀ѓут цáр пă-с-имáл куту нѝа̀ ка́ и́мме дéн, нéли прáзник. Сă-збрáли, и о вика́ле нăрóдо. Цăрѝа̀та пучăстăвáла, пучăстăвáла нă гóстто, áма кути чувéк сă-јзлăжáла нéли, сă-јспăрдéла. Цáрут му-пăднáл шáнут, óти сă-јзпăрдéла, зѝме гă-нăпằдăве* [ПК,2-(Крец–300)].

пу́че impf **1.** 'длабоко се наведнува, со целото тело кон земјата, пр. во таква положба се стават децата кога играат "**дла̀га мăгăри́ца**"; **2.** сп. го обичајот: ~ *ка́ сă-кăршат дéцта ус-јáјца нă-Вилѝгдин, адно́то дăрже јáјцто, а дру́кто уждѝре уд-гóре. Тóо шó о-дăрже јáјцто сă-ви́ке óти пу́че* [ПК,2(93)].

пучека* impf 'застана, причека некого' ~ *кинисал Марко да шете...[пу него Струма нивеста,[ej, што му веле гуворе:["врни се Марко, ступано,[врни се малце пучеки![јас правих рибник јангулник,[сус кого јас ки гу ручам!?"* [ТГ,53]; ~ *пол'е, пол'е широко, ф тебе бил'ки секакви,[мирисл'ави јубави,[пол'е, пол'е широко,[мома јоде за вода,[биќар јоде пу неја,[викна биќар продвикна:[Бре стој, моме, пучекај,[да ти стомни пуносам* [ТГ,368]; ~ *чаморѝата момата ја зема, дјадото го оклава; ја окачи момата на кон'ут, фати да хожда на братите ѝ. И тој отдалеку фати да вика, го дочуха и го почакаха дури дојде* [V,PM,-234]; ~ *"ним ми раздигај јадови,[јадови моји дертови,[чунки са малце мојите,[а што да правум и сус твоји?" – "Хej, море, лудо и младо,[... изорај рамни дворове,[пусејај моји јадуви,[пучекај што ки ти никне,[ако ти никне бусилче,[боса ки бегум пу тебе"* [ТГ,100].

пуч'ива́ш'т'е́м adv 'одмарајќи' ~ *пуч'ива́ш'т'ém, пуч'ива́ш'т'ém си дójдух у с'е́луту сабáкарш'и* [MSt,2].

пучѝве* (и: **пучива**) impf, в. **пуч'и́ни** ~ *удѝме цéл дéн, нă-дрýѓо дéн, нă-втóрјо дéн пá сă-нăјдéме сăстáтко, мáјка, тáм кăде Симитлѝа. Тáм тăргнáме дéк Цумјá, Блăгójувгрáт. Тáм пучивáме пé-чéс дéна, нéм гáре, răспрăснáл-се наródo. Дујдé: Бугáрто дă-брáнат вѝке нăкăд Цумајá, кăд-Дýшница нă-гóре* [ПК,2(191)]; ~ *адни арăмѝј имáли нóго пáри. И сиднáли дă-пучѝват тáм. И-адѝн ќ-óде дă-сă-мóче дувăлко. "А, а, пезевéнк, шó тéриш тýк, мă-јзмучá!"* [ПК,2(191)].

пучѝвка f 'одмор' ~ *Аднó врéме трăгнáме гáре нă-гóре, пу-Бăлáсца. Трăгнá адѝн дă-нă-вóде сус-кójн. Тóа адѝнјо вéле: "Слýши, вéле, тѝ кут-ká нă вóдиш ни-адѝн чувéк нă-мóже дă-примѝне грáницта. Тѝ киустáниш, вѝке, уд-сăт, áс ќ-óм нăпрéд. Нă двá сáта пăт, адѝн сáт* **пучѝвка**" [ПД,174]; ~ *сă-кăчѝа, нă нóсат за-кăт Дójран. Ут кăд-Никулѝч, тăмáм удднéме, едно тýрско сéло ѝма блѝзо, пучнáа да-вѝкат: "Нѝа ќ-óдме ут-тýка за-Дójрăн", ама пă-вујскáта гăрчката-ј нă-пучѝвка на Нóф-Дójран, сјáа шój* [ПК,2(356)]; в. **почѝнка**.

пуч'и́ни (и: **почини**)* pf **1.** 'се одмори' ~ *тéлус утѝди у ч'урбаџ'ѝјата думá, с'éднаха, пуч'ѝнаха, сă кирáсаха* [MSt,48]; ~ *афý пуч'ѝна, му вилѝ на д'ăт'ąнту: "скóру стáн' хазăр' да б'ăгами"* [MS,t,84]; ~ *утѝдуха нăтр'ą ... си пустил'áха да пуч'ѝнат* [MS,t,84]; ~ *дójдух дур на Мýшамáта хýбав'ą, с'éднах да пуч'ѝн'а там'á...~ "ми т'ą стрáх, тýк ти-*

ј врит'éнуту , амá с'éдни два, трú дни да пуч'úниш'!" [MS,t,63]; ~ *и си дóјди удóл идúн бýк, д'é б'ăш'и и Ќел'éш'у тáм, и са запр'áха да пуч'úнат* [MS,t,36]; ~ *за óра пулувúн вр'ăтин', за ха óстаја да пуч'úнат óлувéту* [MS,t,65]; ~ *за умрăкни, за пójат у думá, зăса мýјат сăс óда, за с'éднат у думá, за пучúнат* [MS-t,67]; ~ *тамо најдоха един брјаст големо, та седнаха у-дол сјанката му, да починат там* [V,PM,181] – во контекстот среќаваме уште еден пример за нарушена конгруенција (именката во машки, атрибутот во ср. род : **един брјаст големо**); ~ *сетне рекоха: "ајди да а зарăими, да кога за си вăрнеми от курбет, тогас пак а разрăвами, а делими!" Ха зарăха пак тамо и си отидоха. Неколко време сетне отиде един Турчин тамо да почини под сјанката* [V,PM181]; ~ *нá онова брјáст дојдóха еднúа базирѓáни сóс четирújси товáра нéшто тимјáн и вóсок, под сéнката разтоварúха и седнáли дá почúнат. Они л'у седнáха, тójнака на брáта му вéли: "бráте, мéни ми сá пикáи! Ки си пóпика от тýка"* [V,PM,126]; **2.** 'умре' ~ *"...такóв-дạ-си. Не-н'áштọ бóлнọ, гọ-вид'ál-си, тáму лéжи бóлно, нéгọ ќе-гọ-утéпаш. Нé гọ-утéпај, дạ-гọ-зéмеш, дạ-гọ-лекýваш". – "Арнọ, тáтọ". Кạ-пọчинáл тáткọ-му, дојдéл и óн... пọчнạл дạ-шéтạ* [ЛС(К),127].

пучинáтка f 'одмор, кога нешто мирува' ~ *дýри кáикут ки сă удáвиши ут далгáтити, па óн спúиши. И утúдуа Ученúцити ... ем му вéлеа: Афéндо, да ни чýши, éту ки си загúними. И вéли на нúх: А мáловéрни, óти такúи плашлúви сти? Тóга станáл, и прикалнá на ветрúштити и на мóрито, да сă чинúл мóшни пучинáтка* [MV(K),297].

пуч'úнува* impf в. **пуч'úни** [MS,s,92].

пучинувајне n 'одмор' – по секоја напорна работа следува **пучинувајне** (или **удмурувајне**), на пр. при жниењето, откако ќе се истера една **поста** (= дел од нивата, во вид на лента на која истовремено жнеат неколку жетвари одеднаш), односно откако ќе се изврзат снопјето, натаму кога окопуваат пченка, откако ќе се ископаат 4 реда, пак следува **пучинувајне**, косачите исто така прават **удмурувајне** по три или четири **намлии** (= искосени редови) итн. [ТГ,21].

пучинувачка f 'одмор, починка' – при полските работи *удмурувајнто* наутро трае малку; најдолго е околу пладне; попладне, откако ќе поминат најголемите жештини, т.е. кога малку ќе се залади, **пучинувачките са малечки** [ТГ,22]; **в. пучинáтка**.

пуч'ýд'ува (сă) impf, в. **почýди (сă)** [MS,s,92].

пушéта* pf 'се раздвижи' ~ *лисúцата утúшла, си-лигнáла у-áдна трéва, нă-áдну слăнце тăкá, и спúе тáму. Тéпа Врáна пушитáла узгóра и ăвидéла тáм дéка лéже. И утúшла, а трăчúла спúе. Тýпни тýка, тýпни тáму, не мăрда úч* [ВВ(Кр),314] – во текстот е присутен лексичкиот архаизам: **трачи** (= верува, претпоставува).

пýши* impf 'вдишува дим од цигари, од тутун' ~ *"Кá ки-пáдниш, рăчé, нă-дóлу уф-ливájте, тáм úма, рăчé, ки-тă-прăсрéтнăт двé кучúјна, еднóто, рăчé, бéло, еднóто, рăчé, цăрно... Шлúрто, рăчé, úмиш?" "Нé пýшум, рăчé, дéдо нéмум"* [ПД,147].

пушка f **1.**'рачно огнострелно оружје' ~ *и јаз скокнувам ортана, зевам*

пушката и викам: "Дур орда бе" [МС(В),93]; ~ *рӑбојтӑте сӑ миниј̑ӑ: му сӑ зе пусатут (немӑ изим дӑ носӑт пушки и кӑлӑчки а ками и револј̑ӑ пӑк дистур)* [МЕ(Р),88]; ~ *Дӑштарчинката, като поголʼама, скрила паритја,... Синчато кога попорӑснало, пак го питала: "Да си имаш, брача, пари, што ку́ си купиш?" – "Пиштолка и пушка, сӑстричко"* [V,РМ,291]; ~ *тоа вилʼајќи, емен си зима пушката... Таак! и чувекут на место си падна. Кога ќи се врне назад, и кога гледа врбов кол путирал цали ластаре* [ТГ,147]; ~ *ӑс уф-пуфа́брикте рӑбо́тах. Ту́ла фа́брика рӑбутих, по́сле уф-та́а Арсӑна́ло. Зна́ш-ли Арсӑна́ло шо́-о-ви́кат. А дно вре́ме сус-пу́шки, не́ кути-сја́а* [ПК,2(Иц-284] – во текстот се присутни две граматички посебности, прво: беспредлошки додаток за место – **ту́ла фа́брика рӑбути́х** (м. 'во ту́ла фа́брика...'), и второ: именка употребена како атрибут на друга именка – *ту́ла фа́брика* (м. 'туларска фабрика'); ~ *нӑјме́л-се Го́це Де́лчуф вујво́да,[ус-не́гӑфта ве́рна дружи́на,[уф-Куку́шко ра́мно по́ле,[дудек да прӑми́нӑт гра́ницта,[пӑрва пу́шка пукна́ла.[Го́це гу уф-гӑрди ра́ни́ла* [ПК,2(Крец–296)]; ~ *Не́-ни ку́пиш пу-инӑ-пу́шка д-о́јме дӑ-ло́ӑме". – "За́шт дӑ-н-ви-ку́пам, си́нко, му-ве́ле, дӑ-ви-ку́пам"* [ДК114] – присуство на перфективен глагол во презент: **не́-ни ку́пиш** (м. 'не ни купуваш'); ~ *пу́кна пу́шка, ле́ле,[пу́шка пу́кна, пи́ле Ста́но,[ду́ри го́ра је́кна – ју́нак си па́дна* [ИГ,108]; **2.** 'пукање со пушка' ~ *напкун имаше еден другар на срешта, патардијата га чу и как чу и пушката, тӑрча и кажа на селото* [МС(В),75]; **3.** изр.: **сѐ на пушка сӑ** (= вооружени се, пушките се до нив) ~ *таа и́ма чти́рсӑт ду́ши бра́тја, сѐ на пу́шка сӑ. Ќ-о́јш та́мка, ќи тӑ прӑче́кӑт... ќи-испа́дне о́на, ќи-т да́де сла́тко (ди́ско), кавé ќ-ти да́де, – уф о́чтг не́ма да а пуле́дниш* [ИГ,112]; сп. верување: **пушка ако чује – абер (глас) ќи му дојде** (= ќе слушне новост) – толкување на сон [ТГ,313].

пу́ш(т) adj 'неморален, развратен' ~ *Ф...-ут стуја́ и за не́гу ви́а си мо́лиши: Го́спот, испола́јти, шо не́ сам кату́ дру́зити л'у́ди, ло́ши, кри́ви, пу́шти, ја́ кату ва́ јумбрукчи́ата. По́стам два́ш на нидел'ата* [MV(K)-280] – во контекстот имаме случај на употреба на номинативна форма наместо очекуваната вокативна: **си мо́лиши: Го́спот, испола́јти** (наместо: 'Господи...').

пуште́н* adj 'испратен' ~ *Ја́с не́ мо́жам да чи́нам ут ме́н са́м ни́што, кату́ ка́к а слу́шам, сӑдам; и мо́ата сӑдба пра́вина и; о́ти не́ќам да би́ди мо́ата пуве́ла, ту́ку Та́ткувата пуве́ла шо ми и́ма пуште́но* [MV(K),331]; ~ *и́ли ко́га ќи до́јди Богомо́лсноу, то́ шо ќи ви пу́шќам ја́с ут Та́тко ми, Сфе́ти Ду́х исти́нцко, шо и пуште́но* (пишува: *поште́но* – возможно дека мешањето е поради неинтензивниот изговор на неакцентираните **о** и **у**) *ут Та́тко ми, то́ ќи ви ка́жи зарди ме́не. И ви́и па ќи ка́жити шо сти би́ле ут кра́ј су ме́не за́јно* [MV(K),297].

пуштлу́к m 'разврат, неверство' ~ *ни́кој не́-ј до́бар, са́л иде́н Го́спот. Пуве́лити и зна́иш: Пуштлу́к ни́му чи́ни, ни́мо оти́пај, ни́м кра́ди, лажо́вин да не би́диш; да и́маш тими́а на та́тко ти и на ма́јка ти. Он му ре́кал: Са́ти ви́а а чува́х ут мла́дус ми* [MV(K),278]; ~ *ричé на та́тку му: Ету то́лку гуди́ни шо*

ти рабо́там, и не́кој па́т не́ ти расипа́х ке́фут, и не́ ми и да́де и на ме́н идна́ ко́за, да си раду́вам ја́с су прија́тил-ми; да во́а си́н ти, шо ти јаде́ са́та сто́ка пу пуштлу́кут [MV(K),181].

пу́шти pf 1. 'испрати', в. **пу́шка** ~ *"... ја́с-сум ца́рува ке́рка и-ма́-пушти́: ме́не да́-ма́-изе́де ла́мја́та". И-о́ни ричёли: "До́бро, ричёли, што́м та́-пушти́ли да́-та́-ја́де ла́мја́та, си-о́ди-си ти́... на́с не́к на́-изе́де". И-о́ни, вёча́рта, ле́гнат да́-спи́т, а́ли си-уста́ва́т стра́жа́р, бу́да́н* [ПД,167] – во контекстот има неколку граматички (дијалектни) посебности: прво во врска со линеаризацијата – двојна употреба на кратката заменска форма: и постпозитивна и препозитивна во однос на глаголот во императив:– **си-о́ди-си ти́... на́с не́к на́-изе́де**, тоа напомнува на преодниот момент кога стариот редослед бил истиснуван од новиот (за ова в. во граматичкиот дел); второ – присуство на адверсативниот сврзник **али: о́ни, ... ле́гнат да́-спи́т, а́ли си-уста́ва́т стра́жа́р**; и трето – употреба на перфективен презент: **ле́гнат да́-спи́т;** ~ *напкун ка ги пуштиха писмата, солунските граѓани са́ качиха на солунската тумба* [MC(B),97]; сп. обичај: – младоженецот го кани кумот за да венча со овие зборови: *"Клајне и здраве имате уд татко и мајка, да знајте оти уф нидел'а ки треба да доите да венчите, и за тоја ви гу пушти воја кулак* (= *паурче сус ракија, китка, пугача и карамфил*). На тоа кумот одговара: *"И ти им чини клајне и здраве"* ... [ТГ,160]; ~ *и така ги вёрна и ги прави тешка свадба и ги гости цел месец и напкун ги пушти на града Будима* [MC(B),96]; ~ *му вели: "нели прати ти една книга на твојта л'уба да пала една мома на Танковата ишкија и да е прилика на неја?" И он рече: "пуштих"* [MC(B),94]; ~ *то царското бостанџи́че му вели: "нија имами цар много богат, не сака хазна, тој ми пушти или твојта глава да земам или ..."* [MC(B),94]; ~ *б'е́т му са́ ви́д'а на ч'урбаџи́ја́та, ш'ту за ја в'е́ни ара́пч'а́ту мума́та и си вили́ са́с умо́: "за гу пу́сна ара́пч'а́ту да гу бр̀ка Го́спуп' "* [MS,t,14]; ~ *"на-ти т'е́с два́та пуртука́л'а да ха пу́сниш' на жина́та-ти!"* [MSt,86]; **2.** 'престане да држи нешто в рака и го остави да падне' ~ *он кату влезе нетре да пиј вода, излезе една самовила, пусна капакот, го закл'учи нетри. Фатил царцкото дете да плачи* [V,PM,207]; ~ *На́пкум ка́ зи́ма́т, ка́ клаа́т на стре́ди, ќи гу зи́ма́т и мо́мчто – и дву́јцта ду едно́ дру́го. Ќи зи́ма́т една́ бе́ла ри́за, то́ќи ќи-ј пре́гна́т, ху́мут; уф една́ ча́ша ви́но, ќа а на́пна́лнат, ќи пу́шта́т па́ри уф на́тре* [ИГ117]; ~ *"Пу́шчи, ра́че́л, са́ лупа́тта". И пушчи́л лупа́тта, фа́ти́ле да́-си пра́ва́т ма́бет та́м. Ти ка́к-си, ти шо́-си, са́-ма́бити́ле дву́јцата и пудуна́ло не́ко́ ве́та́рче. Гинуси́л са́ де́ка-ј на́шта гра́ница, до́ле, туга́ј не́мише гра́ница* [ПД,146]; **3.** 'ослободи' ~ *запа́ли-си, запа́ли-си Ша́р-Пла́нина, а́јди,[а по́трупа а по́трупа три-ју́нака, а́јди,[три-ју́нака, три-о́фчара,[парвјо́ о́фча́р, па́рвјо о́фча́р жа́лно мо́ле́, а́јди,[пушти́ мене́, пу́шти ме́не Ша́р–Пла́нина, а́јди* [ЛС(К),133]; ~ *о-пи́та́т та́м шо́ да́ на́пра́ва́т: "Ка́к кула́ј да́-на́јме, да́-ни-ка́јш?" – "Кула́ј, ричёл, кити́рте еди́н ка́за́н ка́тра́н на́-врата́та. То́ ка́тра́но не́ пу́ште кула́ј да́-изле́зе чувёко, а́ма не́ка-ј да́лбо́ко"* [ПД,170]; ~ *"Аман, Трајко, да си*

жив, остави тој човек, што сакаш ки ти дадими"... напкун как ми молиха и хатарот да не ги кърша, го пуштих [МС(В),92]; ~ *дојди вр'ъм'а да н'ъ́ пу́снат* [MS,s,94]; ~ *и дојди тузи́ дека ипта́ у апри́л съ́ пу́ш'таха на́ш'та илики́ја* [MS,t,3] = 'да нѐ ослободат од служење војска' – во двата последни контекста; **4**. 'испушти животно на слобода, потера' ~ *ра́нуто стана́х на-ш'е́сти, си-ч'ини́х иди́н ч'а́ј, сънапи́х, пушти́х дуби́циту* (пишува: 'бубициту' – печатна грешка?) *на гуида́ро, изле́гух на-кавине́ту, пи́х идно кавé* [ВБ(Нег–339)]; ~ *та: ба́бъ́та пушти́ла кра́въ́та нъ́-гувéъ́та... устъ́на́ла кру́ши да-бе́ре. Не́ко: да́рво* [ПК,2(252)]; ~ *ка усамна, пуштиха коните на зелена ливада – коните да попъ́сат, а они малци да илиндисъ́т* [МС-(В),95]; ~ *има́л ни́ку ло́шо ку́че, ста́ро. Гу-ману́ва у-вре́јки́то и гу но́се. Че́ка лиси́цата се́га, кфа́чка ки-му-дунéсе. Но́, къ́-му-съ́-нъ́бли́зи, му-гу-пу́шта то́ ку́чито* [ДК,138]; ~ *еден цар отишал да лове зајци. Испаднал еден зајц, пуштил ъ́ртто (тазијте) да гу тъ́рчкат* [V,PM,52]; ~ *на ногу места има ногу курић, дека ка ки си пуштъ́т силјајнту дубиците не си-ј припалуват цела гудина* [МЕ(Р),77]; **5**. 'направи да потече некоја течност' ~ *му ве́ле: "пу́ли ту́ка! Ка́мину дъ́-гу-стиснъ́м – во́да ки-пу́шчъ́м". Му стисну́ва у́рдъ́та су-та́ то́рбъ́та и пу́шча во́да* [ДК,119]; ~ *Царут им рекал: "Манајте се ут тука, голоташе!" Пуштил л'уде да и испъ́дат. Големјут брат пуштил морето и издавил сите* [V,PM,270]; ~ *сто́мнъ́та то́не, нъ́то́нуве, и́збъ́рш-а, о́на пак пушти́ла ма́ллчко* [ПД(129)]; ~ *пушти́л кра́ф* (= со нешто му ја пробил кожата, пр. со рог, за да истече крв – начин на лекување); ~ *Ки-ъ́-ви́кне нивéстъ́та, му-ве́ле, дунéго. "Елъ́ј ми́ла! Елъ́ј зла́тна! Нъ́пусле́ден пъ́т". Дъ́-фа́те зъ́-ръ́ка и дъ́-му-гу-фа́те мъ́ле́чкуто пръ́ст, дъ́-му-гу-къ́сне си́лно, дъ́-му-пу́шче кра́ф* [ДК,123]; **6**. 'направи, овозможи да влезе' ~ *кај ки најдох, на која арна нива одих, и пуштах овците нътри* [МС(В),92]; **7**. 'одвитка нешто (пр. ракави), направи да бидат некренати' ~ *и она пушти скути и ръ́кави и повина лицето, съ́ чини гајлилија и отиде дома* [МС(В),96]; **8**. 'испружи нешто, подаде' ~ *трети пъ́т утишле. Царут пуштил аскерут мо, да и истепе. Тоги стреднјут брат пуштил ногата, гу урнисал съ́т конак. И малечку́т пуштил воденичарску́т камин, съ́т аскер и царут и истепале* [V,PM,270]; ~ *И слизе́ уф ка́икут Пе́трос, си газа́ уф во́дата, да си о́ди ка́д Исус. Ни́ли бе́ши ве́тър си́лин, му падна́ стра́х; да зафати́ да путуну́ва, а вика́ е́м царка́: Афе́ндо по́можи. Па Исус а пушти́ ръ́кати, гу фати́* [MV(K),267]; ~ *одеки по конецут, утишла на колибата къ́-де момата. Момата затворила вратта. Самовилта и́ рекла: "Пушти си пръ́стот низ прозорецут!" Момата си гу пустила. Самовилта и клаве еден пръ́стен и умире момата* [V,P-M,269]; ~ *и си́чките оти́доха на хо́ро, и на́зи гиздава́та мо́ма и тја́ дојде та́м на хо́ру. И са еви́ еди́н чјул'ак сас си́ф ко́н, дојде фаф хо́рото на сре́де сас ко́не и си пу́сна рака́та та фа́ти хобава́та мо́ма и е ди́гна* [V,PM,259]; ~ *"А мъ́р лиси́цо, ве́л'ът, ки-тъ́-пи́тъ́ме ни́што"* (т.е. нешто). – *"Пи́тъ́те!", ве́ле. – "Јас ъ́-изва́ду ва́ змијта уд-*

о́гнут, ве́ле. А-пу́шти га́гъта и пугагъта, пу-гагъта, ми-съ-сфи́ нъти́лут, о́куто са́ка дъ-ми-гу-изва́е. Да́ли у-пра́во-е? [ДК,137]; 9. 'пушти' *~ р'е́ч'и: "ја́с за и́зл'а!" гу вра́заха със идна́ хо́ртума, гу пу́снаха пуле́ка, пуле́ка до́л* [MS,t,86]; 10. 'бутне, турне' *~ пумна́л а́јн уфча́р: "што́ мъ́р ку́ма ле́со пла́чиш?" "Ми, фмо́јта ду́пка и́ма ја́рче живуде́рче". Има́л къ́рли́к то́о уфча́ро; бу́тне къ́рли́ко, гу-фати́л за-но́гата. По́сле гу-пушти́л къ́рли́ко уфча́ро, закачи́л не́кој чико́р, жи́ла те́гле* [ПК,2(233)]; *~ "сва́л'-се бре Ту́нтъ́лче, ре́кла, нъ-ба́ба д-ој нъпа́лниме уф то́рбъта ти́ъ кру́шички!" Съ-сва́ли́ло Ту́нтъ́лчто, ги-збъ́ру́ве кру́ште, ги-туру́вът ди́и уф-то́рбъта, нъ-Ту́нтъ́лчо гу-гръбна́ла, гу-пушти́ла уф-то́рбъта* [ПК,2(253)]; **11.** 'придвижи некој механизам, стори да се слуша музика' *~ съ-ръ́змиши́ле та́му. Пушчи́ле му́зикъ́та и ти́а, дими́к, но́гу а́рна му́зика има́ле. – "Дъ до́јдите!, му-ре́кле, дъ-ви́јте што́ му́зика и́мме и што́ јъда́јне упа́мпурут". Па́мпурут у-мо́рто* [ДК,131]; **12.** – (се) 'се нафрли, се устреми' *~ съ уплаших, съ тромаксах; един сон соних, една змија ка се пушти да ми хапни* [МС(В),95]; *~ ка ми видеха, што водих харамијата, емен го видеха, го позкаха – го имаха къ́рстен, и едни съ пуштиха и ми фатиха кон'от* [МС(В),91]; *~ една едра тупола имише тамо, фати а искурна, си а пра́фарли на рамуто му, са пушти на аскерут* [ДК,296]; *~ Ку́чишча́та ка́ ки-съ-пу́шча́т уф-те́бе, пу́шкъ́та о́ш ка́ ка-зи́миш да-нъпа́лниш. Ки-мкле́книш нъ-куле́на и дъ́та́ дъ-ги уте́пиш* [ПД,147]; 13. – **съ** 'почна да трча' (силно) *~ хи́тра Пе́три сигнува ут о́гн'ут идна́ гул'а́ма гур'а́на драва́ и съ пу́ш'та да гу т'е́ра по́пут* [MS,t,75]; [MS,s,94]; *~ чул Алате, са пуштил по него. Ка префарлил ваѓата, фатил да вике: "Е! Алате, жал, жал! Не ти давум паунут". Па Алате бил прекълнан от Бога да на може да помине вагичката"* [V,PM,272]; **14.** – **съ** 'се одмрзна, се стопи' (ако нешто било замрзнато, пр. јадење, дел од облека и сл.) *~ са-пушти́л мра́зут; съ-пушти́ла та́а ло́јта* [ПК(Гър)]; **15.** – **(съ)** 'се оддели' *~ па гувори́ Англ, да му ричé на не́гу: Ја-сам Гаврил што съ въ́ртам накри Бо́га, и си пуштих ут не́гу да ти ка́жам на те́бе, и да ти но́сам ви́и радо́сни чу́дби* [MV(K)295]; **16.** – **(си)** 'се симна' *~ и на ше́ста ме́сици па си пушти́л Англ Га́врил ут Бо́га на гра́т Галиле́а, на Чи́ста Дје́ва армаса́на су мъ́ж, и́мито му Јо́сиф, уф ку́ќа Да́вид; и и́мито на Мо́мата Мари́а. Ка си дујда́ Ангел Господи́ноф къ́д не́а, ричé: Ра́дуј-с прира́досна* [MV(K).315]; **17.** – **(си)** 'влезе' *~ ка слуша што и Даскалот, си убличе́ ѓубе́ту (о́ти би́ло го́лин) и си пушти́ уф мо́рито. Па дру́зите Учени́ци дујде́ле су ка́јикут. Ка испадна́ле на су́хуту, а гле́дат о́гин запале́на, и ри́ба што си пе́чиши, и ле́п* [MV,K,338]; **18.**изр.: **ба́ба́та гро́ш дъва́ла дъ́ съ пу́ште** (= не треба да се прекинува започнатата работа, независно што ни се чини тешка) [ПД(137)]; **пушти́л ко́рйне** (= заседнал некаде, зафатил позиција); **пуснал хабе́р** (= се јавил, соопштил нешто) *~ та и пуснал хабер на татко му сос писмо, ча си чини цар на самовилите, та да дојди и татко му при негу* [V,PM,216]; *~ о́на што́ пра́ве? Ут-сфе́штте нъпра́ва, ѓо́а мъ́рто́вец, дъ-ре́чът о́ти чу́пъта у-ми́ра и д-ъ-зъко́път. И му-пу́шта*

нă-цáрут ăбéр óти чýпăта ýмра [ДК,144]; со блиско значење: **пушти́л слу́х** (= почнал да шири некаква информација) ~ *пушти́л слýх от брáт-му нajдéл пáри* [ПК(Гăр)]; **пу́шти-си-j нójсто кóлко тé-j длăк jургáно** (= сообрази се со можностите) ~ *нé глéди шó ú́мат л'ýjто, глéди кóлко мóжиш тú, пýшти-си-j нójсто кóлко тé-j длăк jургáно* [ПК2(190)]; **да сн пу́сна вудáта** (= да одам по мала нужда) ~ *игрájат, игрájат, сă умурú мумáта и му вилú на н'éгу: "да пóа дóл, да си пýсна вудáта"* [MS,t,9]; истиот изр. од Кукушко (со фонетска модификација): **бúх дă-си-пу́штум вóота** [ПК,2(190)]; **пу́ш'та идúн тилигрáф** (= испрати телеграма) [MS,s,94]; **се пусна черквата** (= кога ќе заврши божјата служба) ~ *на еднá черква, бéха собрáни сúчките прóсици отвунка, чéкаха милостина от човецúте* (пишува: 'човецúте' – печатна грешка). *Тогас и нос човек, што му прави тéс мурафéти, отúде на чéрквата, истом кога пуснá чéрквата* [V,PM,189]; ~ *му вéли: "Господáр, тój човéк је твój брáт сóс децáта му!" Такá и женúте не могóха да га познájат женáта му. Пуснáла чéрквата, сéкој човéк отúде на кăштúте му* [V,PM,148] -- уште еден пример за упростување на падежниот систем: номинативната форма се јавува во функција на вокатив: **му вéли: "Господáр, тój човéк..."**.

пушту́ве* impf 1. 'испраќа', ~ *и уф стáро врéме, и тóг'и тăкá имáло, дуjнá-ґузлújка. Имáло jдúн цáр и нóго jунáци и вуjскá пуштувáл, нă мужéле да а зéмăт* [ИГ,112]; ~ *рăчéл: "А брă-дéфо, ричéл, тú ушешó úма дă-вújш уд нáс. Нúă, ричéл, ичумéно дă-то-ижнúјме, а пúсмо дă-пуштýвиш нă-жéн-ти, до-нóсăме, ут-пéпăл лéп дă-н-нăпрáвăт, кучúна, мăчúна дă-кóле, ич-шо нé-că-jáде"* [ПД,159]; **2.** 'остава нешто', – *чиничката* (покрај: *мисирката*) се сее во редови; штом *урачут* ќе изора две бразди, друг зад него *пуштуве семе*, што орачот кога ќе се поврати лесно (со малку земја) го покрива [ТГ,333]; **3.** 'средува некој да оди некаде', ~ *тó: дéте сăкáло дă-ýче. Мájка-му гу-пуштувáла нă-ýка д-óде. Е, дéк ќ-óде? Гу-пушти́ли уф-нéкуј бунáр дéтто. Имáло дóл нăрóт* [ВК-(Мал),290]; *"Дéк, кăжáли, ќ-ójме дă-că-пúтуме?"– "Aj ќ-ójме нă-пóпо, óн ги-знá: зăкóнто". Уддéли нă-пóпо. Дóбро-ама ґáвуло că-чинáл пóп и-ги-прăчéкуве нă-пăто. Нă-истúнско: пóп нé óдат, не-j-пуштýве* [ПД,165]; **4.** 'прави да потекува течност' ~ *дóд Рájна, óти а-бóле глáфта, чéсто си пуштýве крăф ус-пúивици, сéтне пó-árно ú ej* [ПК,2(194)]; **5.** 'турнува, бутнува' ~ *áма кá că-свăлúло сéтне дă-збéре крýште имéн нă-Тýнтăлчо гу-фáште, уф-врéjкăта гу-пуштýве, гу-вăрsýве, гу-нóсе дóма. Кá у-нусúл дóма... Кá бúше, е сја: пá зăбрăвúх, нéм акăл дă* [ПК,2(254)]; ~ *бре-тýка, бретáм, цáрскăта мóма а-нéма. Вуjнú цáро пушчúл, чинáл, нă мóжăт да-зéмат. Тú: живóтните, мéчките, лишúците, вăл-ците că-бурúле, уд-гóре кáмăне пушчувáле* [ПД,154]; 6. изр. **пуштуве клајне** (= испраќа поздрави) – како што гостот ќе донесе поздрави од своите, исто така и домаќините нив ги поздравуваат и *им пуштуват клајне* [ТГ,222].

пушка́ и: **пу́шта** impf 1. 'испраќа, дава нешто со порака да биде однесено некаде, односно предадено некому' ~ *пýшк'ја син му да винчáе[пýшк'ја внук му на крăштéjне[сам утúшел на мáл ármac* [МЕ(Р),95]; ~ *зă во*

време пушќă нă Солун и нă Пазăр бăкшиш нă негуви прijател'ă ут 20-30 тувари [ME(P),91]; ~ *ja пу́ш'та Ќел'е́ш'у и н'е́гува́та ж'е́на да по́ị да бра́ка ина́ ж'и́вина да му да́дат да по́ị и то́ј за л'а́к* [MSt,36]; ~ *му ги да́ва пари́т'ạ наsа́т' ца́р'у и ко́ниту и суваријиту, му пу́ш'та ид'и́н тилигра́ф и та́ткуји, о́ти "з'е́нт'у и тфо́јта мо́ма тук că"* [MS,t,30]; ~ *că такмо́ват, пу́ш'тат пра́стин и на питна́јсит'ăх бра́к за сто́рат* [MS,t,15]; ~ *ја́хнува д'ắт'ạ ко́н'у, прумі́на прис сила́та, м'а́та пари́ и л'уд'е́ту ут до́лу бира́т и си вил'а́т: "Го́пут' пари́ ни пу́ш'та"* [MS,t,20]; ~ *и пу́ш'та л'у́ди, ги ус'ắкуват, ги пра́в'ат три́ гре́нди и ги дука́руват ... д'е́ ра́бут'а́ха ма́стуре́ту* [MSt,44]; ~ *му пи́ш'и н'е́тр'ạ: "тузи́ д'ắт'ạ, ш'ту гу пу́ш'там сăс ж'иви́нит'ạ, дур да до́јда да гу на́јда испа́стрину"* [MS,t,17]; **2.** 'престанува да држи нешто и го остава некаде (да падне)' ~ *и́ш'ти на́јмрдва ш'е́с ду́ш'и, и́ш'ти ид'и́н да ц'а́ска ч'изи́ји, друк да пу́ш'та ко́р'ин'ạ* [MS,t,5]; ~ *ква́ се-вра́тили до́ма, ạ-о́н пари́ти без-дạ-ви́дат ти́ạ, квạ-са́ уф-ọдаја́та, внетри, чува́лити на́двор, то́ј ọдвắрзал еди́н чува́л и ги-пу́штạл пари́ти вне́тре* [ЛС(К),113]; **3** 'дава можност некој да замине, да оди некаде' ~ *та изважда бозлугана, та фати д'адото да вика: "аман брате". Чаморциата от аман не зева, туку му вели: "Џјадо дур не ми кажиш, дека и момата, не ти пуштам жив"* [V,PM,234]; ~ *един сиромах човек имаши едно дете; от малку гу пушташи на скол'уту* [V,PM,37]; ~ *сиромахот ... чинил едни конаки кату цар'увите; синот му гу пушташи на скол'уту, са учаши* [V,PM,33]; **4.** 'прави да потече некоја течност' ~ *остануваха рибите аф суха земја, баилдисуваха, и пак га пушташи от устата му водата, и живуваха рибите* [V,PM44]; ~ *(за) д'е́сит' дни́ завúра пáтусу и дувúр'а (пáпсува вар'ắниту) и тугáс гу пу́ш'тами ви́нуту* [MS,t,4]; **5.** 'се јавува нов изданок, се развива гранка' ~ *т'а́ му вили́: "бро́ị ги ро́гуве́ту! ко́лку ч'ата́л'ạ и́ма, то́лкус гуди́ни и́ма; ка́та гуди́на ино́ ч'ата́лч'ạ пу́ш'та"* [MS,t,19]; ~ *кугá за фа́ти да пу́ш'та ки́тка удго́р'ạ и тугáс фа́ш'тами да гу бир'е́м* [MS,t,5]; ~ *за пруминáт питнáјси дни с'е́тн'ạ нарáст'ува, пу́ш'та три́, ч'е́тир листá* [MS,t,5]; **6.** 'ослободува (пр. од затвор)' ~ *ạ-не́го то́гạ го-те́кнạло. И ви́кạ: "Ва́ше вели́чество, ác квạ-б'áх у-за́твор, та́м и́мạ еди́н чов'а́к, ... ме́не ме-пу́штạа на и́стạ слу́жбạ, ạ-дру́гио ạ-смắрт"* [ЛС(К)-,112] – во текстот има уште еден пример за нерегуларната употреба на заменските форми: кратката форма за директен објект **го** наместо дативната 'му': **ạ-не́го то́гạ го-те́кнạло** (м. 'му текнало'); ~ *с'ắ јаз за т'ạ ку́п'ạ па́к ама́ т'ạ ни пу́ш'там в'е́јки* [MS,t,55]; **7.** 'дозволува' ~ *бра́каха изи́н за да си до́јдат... ца́рут ги ни пу́ш'таш'и* [MS,t,58]; **8.** 'одврзува добиток и го пушта да оди некаде' ~ *гуворú Исус на не́гу, да му ре́кạл: Опак човéк, сéкуј ут вáс не́ си пу́шќи во́лут и́ли магáриту ут јáслата уф сýбута, и а но́си да и напóи?* [MV(K),278]; **9.** – **(са)** 'се одделува, се откачува' ~ *ти давами това перо и, кога ки ти дойди некоја газа на главата ти, да туриш перото на вогин да велиш "тутуш" – си закашта секој нешто, "тептер" и са пуштат* [V,PM,96]; **10.** – **(са)**

'се управува, тргнува' ~ *лисúцта ричéла: "нáшјо сăјбúа úма нéка гулéма бил'á". "Ај марú, спúј тú", кăжáла мéчкăта. Пá ги вúке тóо. Чýла мéчката, тáп синџúро, пýшта се пу-пăто* [ПК,2(229)]; 11. изр.: **уд-бацáта нé пýште гóспо** (за да успеат работите не е доволно да се чека од Бога) [ПД,138].

пцалт m 'тој што в црква пее заедно со попот'; сп. религиозен обичај: – на средниот ден од *Вилигдин,* по службата божја селаните одат на рид *сус црхци.* Кога тргнуваат луѓето што ги носат иконите ќе се наредат и тоа прво оној со крстот, а по него оние со иконите, а свештеникот и *пцалтут* ќе пеат *"Христос воскресе".* По нив одат останатите луѓе, жени, девојки и деца [ТГ,62].

пцувúсе* pf 'умре' (за животно) ~ *кá ни пцувисá кójнут сúте плáчăхме* [ПК,2(93)].

пчела f, zool. Apis melifera 'тенкокрилен инсект што од цветниот прав прави мед' ~ *та му дáл ќосéто пет кóн'а нáтовáрени сас што пойскал, и, като стúгнал на крáј морéто, натýрил по сýхо пченúцата, медá, просóто, ... та са собрали пилетата, пчелите, мрафките* [V,PM,258]; ~ *фати детенто, му вели една прикажна на ќусету: "пубратими! татко ми едно времја беши имал педесет кошови пчели; ката ден мухате, кога хождаха да пасат, ха бројаши, и пак вечер, кога дохождаха, ха бројаши"* [V,PM,202]; ~ *тогај му дадоха пăт и едно мишјанче и му рекоха, кога ки стани ихтиза аскер от мраве, тогај това мишан да го клава на вогинот – "ниа фтасувами тамо". И така помина от мравјате, дојде на пчелите* [V,PM,157]; ~ *рéкал на нúх: Имати нúшто за јадéни тýка? Па вúи му дáле на нéго рúба пичéна иднó дéл, и ут пчéлити мéт* [MV(K),260]; Малецки запишал: **пш'ела** [MS,s,92].

пчелóк m, bot. Melissa officinalis 'растение чии лисја имаат многу убав мирис, со таа трева ги мамат пчелите да се приберат во кошот' – **пчелинок, матичина** [ТГ,399]; сп. го објаснувањето за односниов назив од Кукушко: ~ *мирислúва трéва, ус-н'áа мáжат кóшуфто нă-пчéл'те – дă-с субéрат, óт мирúсе нă слáтко;* во некои села, пак од Кукушко, пр. во Грбашел ја запишавме разновидноста: **челójник** [ПК,2(93)].

пченица* f , bot. Triticum vulgare (sativum) **'житна култура (растение и плод)** од којашто се прави леб' ~ *та му дáл ќосéто пет кóн'а нáтовáрени сас што пойскал, и, като стúгнал на крáј морéто, натýрил по сýхо пченúцата, медá, просóто, пак кóнете сосјáкал* [V,PM,258]; и: **пчинúца** ~ *дă-сизéмиш sигвáр валóве,[дă-си-óриш рáмни двóруве,[дă-си-сéјш бéла пчинúца,] пчинúца бéла нă-ýгар* [ПК,2(Пл–253)]; односно **пш'инúца** ~ *идúн пóп утúди на удинúцата да м'éли пш'инúца* [MS,t,78]; ~ *и за фáтиш' да урéш' , за фăрлúш' с'ăм'ą на инá л'áха úти пш'инúца, úти ич'умéн* [MS,t,6].

пчилар m 'човек што чува, одгледува пчели' [ТГ,399].

пчиларник m 'место каде што се поставени кошовите од пчели' [ТГ,399].

пчиничка f, bot. Zea mays 'житна култура, пченка (плод и растение)' ~ *тогај крајта блатто пустолци, елбет и друјзте сила шо сă крајта блатто, садиа пчинички* [ME(P),77]; ~ *ут 20 гудини наприт, летто, коа бишă кусу воата, садиа пустолци пчинички* [ME(P),80]; ~ *зă фăсулјут и бустанут, аку сă на мистијнтă нă пчиничките, ти сă лагăт за пчиничкă* [ME(P),89]; ~ *лозјăтă и пчиничките сă рăботăт су кирцијă: 20 гр. лирă 100 погунут лозă и 10 кутли погунут пчиничкă* [ME(P),89].

пш'итó n 'вид јадење' (печено) ~ *д'ắдуту и рéкла: "да закóлими д'ắт'ąнту, да гу стóрими пш'итó!"* [MS,t,80].

пш'ифи́са* pf 'избере' ~ *ви́кна с'é-луту да гу пш'ифи́сат и да гу звáдат прóедрус на крáтусут* [MS,t,-86].

пăдáрница f **1.**'*кули́пка на-нéко: дăрво нáправна, тáм лижáл пăдáро*' (= човек задолжен да го чува родот по бавчите, лозјата, нивите); **2.** fig. 'мала, неугледна куќа' ~ *зăсрáмсă мăрú, испăднá уд-аднá пăдáрница и нóго фăти́ дă-знáјш* [ПК,2(93)]; **3.** во Драмско (с. Височен) Ј. Иванов запишал топ. **Пăдáрницата** 'ридишта' – според апелативот *пăдáрница* [ЈИ,Ми...,179].

пăди́не impf **1.** 'се изместува од повисоко, на пониско место, паѓа' ~ *сăсубéрвăт ăскéрте, г-утéпат. Гузăкláле, гу-извăри́ле. Она дéка пăди́не кóска сè ă-бéре и пláче. Она цéл дéн пláче и нă-ни́кој нé кăжýва* [ДК,116]; ~ *и бáбăта муиспуштýва иднá плýта сирéјне, двé... – "Пýшти гóспуди, бáба нéмăм дă-мă-пýле, дéца нéмăм дăмă-пýл'ăт". Му-спуштýва вá óше иднá – му-пăди́не и чики́јкăта нăбáбăта* [ДК,117]; ~ *"Ки-нăпрáвите еди́н ут-смóква фак, ко:-курди́сăте, ки-сă-фáте óн. Кá ки-му-ýдрите кутéко, ки-ви-кáже шó дă-нăпрáвите зă-дă-нé пăди́нг мóсто"* [ПД,166]; ~ *сă-нăл'ýти слéпјут и ут-крýшта нă-мéчкăта узгóре му-сă-фăрл'а. Пăди́на нă-мéчкăта узгóре. Мéчкăта фăти́ дă-бéга. И дéка к-óде? Прáво у-кăпи́нта* [ДК,136]; ~ *"Е, рéкăл, тéбе бáш сја: кá сум углăдéл, тéбе нéма дă-ти-прóстум". "Е, рéкăл, и́м, рéкăл, нă-нójсте едни́ џилизи́на, и́скар-џј пă, нáпкум, пóлéсно дă-мăјáдиш". И тóа óде нăсăт, а-тóа му-ýдре аднá, уф-чéлто ритканúца му-дáве. И вăлко пади́не тáм нéде* [ПК,2(Мор–224)]; и: **пăџди́не*** ~ *сăпукри́ве ут-гóре и ут-стрáните сутрăска, нăврăс лéста сă-бéре блáто и сă-пукри́вс сус-блáто, óти ти: а́чкувуто* (**а́чко** – име на езерска птица), *ти: сă-нóго лóши и пăџи́нăт уф-блáтто, уф-трăскăта уд-гóре кути кáмăн* [ПД,128]; ~ **спу́за-***ј уд óгино пéпăлта сус мăлéчки жáрчишта. Ки цăрпниш ут-шпó:рто, мăкáр уф-пăпăлáрнико, жáр шо пăџи́не дóл – спýза тá:-ј* [ПД,135]; односно: **пăждди́не** ~ *"а-бе, ричéл, дéка-ј кóжта?" Дắрво удгувóрувс ли, дăрво, нé удгувóрувс. "Мáјкăти", ричéл. Ус-бăлти́та, а-бре, а-бре, гу-нăсéчувс, то: дăрвуто пăждди́не, пáри пăлăн у-нéтре. Сјá: сáм не-му-умé: шо-дă-нăпрáве...* [ПД,135]; **2.** изр.: **глáвăта дудéк нé пáдне, ýјо нé пăџди́не** (= навиките и карактерот не се менуваат) [ПД,137]; **крýшта пут-кóрăно си-пăџди́не** (= генот е важен фактор, односно: какви родители – такви деца) [ПД,137]; **ă-пăди́не кăбăтли́а** (= ја **прогласува за виновна**) ~ *чýпăта си-ти́шла кăјтáтку-му. Му-зéле Арáпште пéт ил'á-*

ди ли́ри... Арно. Вóа... сéга знáе, сивéле: "Шó ми прáе жéнта?". Мóр жéнта ă-пăди́не кăбăтлúа сéга, áма жéнта нé-е крúва [ДК,131]; **вóнка пăди́не** (= се кажува за човек што има епилепсија) ~ *вункăшлúф, вóнка пăди́не, лóша бóлис, вóнкăшна бóл'ка тáа* [ПК,2(Грам–240)].

пăднáл л-фор. со значење на придавка: 'паднат' ~ *пóсле петнáјс дéна тăргнáме тáм нă-дóл. Пá-с збráме дистúна кăшти уд-Мурáрци, тăргнáме. Мóстут рăсúпин, тáм áјн мóс пăднáл, џилéзăн бúше, пăднáл, с-убисúл тăкá. Ејн друк úмше, óн нă-цéло дúгнин* [ПК,2(Мор–220)].

пăднáт* adj 1.'легнат на земја' ~ *"Нáзăт, вéле, вăрни-сă!" – "Јáма приăтéли-снá!" – "Нé-снă приăтéли, вéле. Нáзăт нă-мóж дă-бúјме приăтéли. Кóа ќи-си-гу-вúјш дéтито ти пăднáто; кóа ќи си-ă-вúдам јáс пáшкăта скинáта* [ДК,142]; 2. fig. 'исцрпен' (физички, материјално и сл.) ~ *нéкуј-си гу-учúл дéјту ногу... Ех, сивăрнáлу дéјту, áма гу-нăјдýва тáткуму дăнăмăна. Му-пăднá жáлус нă-дéјту зă-тáтку-му. Арџúл нóгу пу-книги, пу-тáм, пу-вáм, зăгубúл нóгу. Е, тóгăј дéј-ту сă-нăжăл'ќ ká-гу-видé тáтку му тóлку пăднáт* [ВЕв(303)]; в. **пáднăн**.

пăзáрчин дéн 'еден одреден ден од неделата кога на пазариптето се изнесува многу стока, особено земјоделски производи' ~ *уф-Струмица óјме сáмо пăзáрчин дéн (сăбута)* [ПК,2(93)].

Пăзлак top. 'често име на места со многу камења и ниска растителност'; Ј. Иванов наведува дека доаѓа од "префиксот *па-* + *-злак* = место со слаба почва поради што растенијата се закржлавени" [ЈИ,Ми...,180].

пăзăрџúја* m 'тој што оди на пазар да продава производи' ~ *нă-лисúцăта ú-сă-прăјăдéли рúби. Лигнáла нă-ăдúн дрýм и сă-чинáла сáнким ýмрăна. Пу-тó дрýм вăреéли уд-врéме нăврéме пăзăрџú* [ВК(Пат),285]; од Воденско, кај Будишевска: **пазарџија** [BV,128].

пăјтóн m 'запрежно превозно средство за луѓе, кола убаво украсена, коњите исто така се со украси' ~ *вóа си óре, тóа сиднáл дă јáде. Јадéќи тáм, ăдúн пăјтóн пу пăтут, нúкуј гулéмиц, нúкуј пáша уф нăтре* [ИГ,110]; ~ *дéтто, тóа мăлéчќут ѓáвул, му вúке нă вýјку му: "дă гу зáприш пăјтóнут". Оде, гу запúре нă пăтут и вóа мăлéчкуто дéте, ѓáвулут, прăфтăсáл* [ИГ,110]; ~ *дéтто му вúке нă вýјку-му, кă видéл пăјтóнут óт úде узгóре: "вóа ќи мă кýпе мéне, да сáкиш нóго пáри биле́ (барем)"* [ИГ,111]; ~ *инугинирáл ину-врéме имáл ину-мóмăк. Су-пăјтóнут сéки вéчер жéнта и нéго и шитáше. Сéки вéчер тá мубéше рăбóтта нă-тó измиќáрут* [ДК,139]; ~ *анџúјата гу-глéде нéго, нă-рăце гу-дăрже. И днéс тăкá – ýтре тăкá, днéс тăкá, утре тăкá и анџúјата пуправе-си ánут, пуправе си-стáи, купýве си-пăјтóн и дéтто сус-пăјтóну си-шéте из-грáдут* [ВК,282].

Пăкéтци pl. 'фамилијарно име на дојденци од Кукушко' ~ *Пăкéтци кут кучúна-сă адúн зă дрýк. Ак мóјш кáжи нéшто лóшо зă-нúјн, óчте ќи-ти-ј-звáат, úч* [ПК,2(171)].

Пăкларја top. 'падина, ниви изложени на сонце' (меѓу *Сараќој* и *Старчишта*). Според Ј. Иванов "Изведено од стсл. **пькль** (во случајот поради силниот припек) и наставката *-ар*; сп. *пек-, пекло"* [ЈИ,Ми...,180].

пăлáврăци m 'несериозен човек, сите знаат дека многу лаже' [ПД,116].

пăлдăм m 'дел од опремата на коњот' ~ *'тó-j кулáн, му-сă-клáве пут-пáшката нă-кójно-ли, нá-магáрто-ли, да-нé му-бéге сумáро'* [ПК-,2(95)].

пăлéна* f 'платнена завивка со која се повива мало дете (бебе)' ~ *зи-мýве, кути кá бúла уф-пăлéнте а дигнýве... а нăдéнуве нă кóл вонка. Сă-кăчýве нă-брóдо, с-избéгуве* [ПД(151)]; односно: **пл'áна** [MS,s,84]; pl: **пилени** ~ *ут-пилéни сă-глéjше óт нé-к-си-прăкóпцăн* [ПК,2(207)] – се кажува за немирно дете што било лошо и кога било мало; ~ *нивjастата му отишла на Костадиновата кашта, на Костадинова мајка вели: "варај мајко, миличка бабо, дали ми сакаш тоа вечер на тебе госка да бида, ча имам тузи малко дете без пл'ани, да не гу помразна вăнка?"* [V,PM,228].

пăликáр* m 'убаво дете' ~ *ýбуфте пăликáрчта нă-бáба, ми-дуjдéе дă мă-зăрăдýват* [ПК,2(94)].

пăлин* adj, 1. 'сад или нешто слично во кој има ставено работи колку што може да собере, орр. на **празен**', ~ *и нă друjзте аку не повикă бăрăм целă гудинă му биа пăлни кошувjту ранă* [МЕ(Р),90]; ~ *хеj мори, моме jубава,[jубава дури сенлива![што ти е бело то грло,[куту на филjан то дано![филjан jе палин ракиjа* [ТГ,159]; ~ *му велú : "а бре глéдаш ли тúа дванаjсите дéлви, штото са пăлни сос алтăни, и пák не кăjдúсах да дáм едúн грош за онájа рúба"* [V,PM,17]; ~ *прогледнá на гори кадé дăрвоту и, когá видé хáрно, дăрвоту е бúло ... пăлно сос драгоцени и млогу скăпи кáмини* [V,PM,7]; ~ *искáрал кратýната и акóлата та му кáзал: "Сас аj тáзикана кратýна примéрих и на акóлата писóвах". И катó зел цáрjа акóлата пăлна нýли, нé можил да соберé кóлко óки са. И такá побjáдили цáрjа* [V,PM,256]; ~ *"м'ạ-и стрáх да ми-ха ни éзмити!" "амá будалá... пампóр' пăлин úмами смóкфа тójт'ạ зи пójми да éзмими!"* [MS,t,86]; ~ *испаднá... Пéтрос, и изваду́ грúпут пу сýхуту, пăлно бéши рúби гулéми стó и пéдесит и трú; да тóлко шо бúле, не си скинá грúпут* [MV,K,338] – употребата на атрибутот во пост позиција во однос на именката: **пампóр' пăлин, рúби гулéми** и сл. е позната и од други говори, но во југоисточните е повеќе присутна, бидејќи тие се вклучуваат (со повеќе елементи) во зоната, каде што било силно изразено влијанието од балканската јазична алијанса; и: **пýлин** ~ *утúди, утúди мрáва пăнт' и нájди инá пéш' пýлна л'áбуви* [MS,t,61]; ~ *ти дукáрахми ш'урбéт', пýлин б'ăш'и путúр'у* [MS,t,21]– во случајот имаме две посебности: прво едносложната придавска форма **пăлн** (: **пулн**) се проширила во двосложна **пулин** за да се запази симетрија според формите на другите родови и за множина **(пулна, пулно, пулни)** и второ под влијание на соседното билабијално **'п' пăлин** се изменило во **пулин;**; ~ *т'á му стóрила инá пúта, н'éтр'ạ с'é лúри пýлна* [MSt,34]; ~ *утúди нóс в'éч'ер у н'éгу на гóсти, утúди сăс дв'ă вр'ăтиш'та книги пýлно* [MS,t,37]; ~ *и т'á му дáва инá гăска пýлна лúри н'éтр'ạ и му вилú: "самóс да си jа изид'éш'"* [MS,t,33]; **2.** 'комплетен' ~ *нă зă пăлни сурат нă во нешту нejкăт зăбрăвувajнă: царцките и селцките дăвачки* (сп. употреба на определената придавска

форма: **пắлни**) [МЕ(Р),91]; сп. уште: **пắлна мисинч'и́на** (= полн месец) [MS,s,87].

пắлне* impf 1. 'во некаков сад, односно во одреден простор става нешто' ~ *И-зимáле, а-дигнáле; нé-ли бóжа пувилú, шу-вéл'ăт, а-прăпăрчúле плóчăта, испăднáло сè злáто, уддóло. "Àјде, рăчéл, са: нă-тú: рăбутнúците, пăлнéјте у-врéјките кóлко мóжăте"* [ПД,150]; ~ *Тáм уф-брéго нăпрáвно кáјниче, тăкá куту-штýбил', пу-брéго истéчуве. Такá мáлчко сус-чáшка да-мóјш дă-нăлúјш. Адно лúсто бúше чéпче, дă такá си-пắлнăхме вójчка* [ПК,2(247)]; **2.** – **(са)** 'влегува и исполнува некој простор' ~ *бáт-му питáл: "Е, кăжáл, гувéăта кáк ки-ј-дéл'ăме, уд-нúх пишúн ки-зăфáтăме?" – "Кáк ки-ј-дéлăме, рăчел, кój уф-кój аăре к-óдăт, нă-нéго ки-сă". Он мúсле óти нóво мéсто нéгăвăто, сè тáм к-óдăт, а нé óде нúкуј тáмка. Сă-пắлнúле, сă-пắлнúле сè нă-вéткуто мéсто* [ПД,161]; **3.** изр.: **ми сă-пắлне дýшта** (= се радувам) ~ *кá-к вă вúдум мă-сă-пắтне дý:шта* [ПК,2(176)]; **уд-нéго сáмо утрувáчки сă-пắлнум** (= се кажува кога некој со постапките ни создава големи грижи) [ПД,131]; **сј-ó: пắлне џéбо** (= се кажува за некој што набрзина се богати, односно што краде) ~ *шóм рăбóте уф-дикáн сј-ó: пắлне џéбо* [ПК,2(195)]; **ус-стрáх сă-пắлнáхме** (= живеевме во голем страв) ~ *Гоце Дéлчуф сè уф-нáшто сéло úјше. Тýрцте ă-тăкá ду-нáс, ă-тăкá едúн ду дрýк, ду-нáс бúа. Кá ки-трéпше до:-искáрме утсéлто, ус-стрáх сă-пắлнăхме, ее, а-тăкá бикóл'ăхме* [ВК(Мал),289].

пắлниш' m 'полна месечина, односно нешто исполнето' [MS,s,87].

пắлно adv 'многу' ~ *уд-нóгу врéме тáм-ку-му уд-мắка ýмрăл. Устăнýва сáм вó. Шó ки-прáве сéга! Пáри нóгу, кýјки пắлни. Тифтéри – шу-бурчувáле џéла дăржáва. Лúри – пắлно. Утáму вúка никóлку ăргáти* [ДК,130].

пắлóк m 'неколку ракатки жито ожнеани и оставени на земја' ~ *пóвике рăкăвéнки ки нăпрáвăт пắлóк, а пóвике пắлóзи снóп; пóвике снóпи ка ки-ј збéрăме прáвăт стáва* [ПД(122)] – во текстот имаме уште еден случај за проширената употреба на множинската наставка **-и**: **снóпи** (кај еднозложни именки); претпоставка е дека се работи за позајмен образец; в. во граматичкиот дел; сп. од Гевгелиско: 'ожниени класје пред да ги врзат во сноп се викаат **полок**' [ТГ,336]; во Кукушко запишавме: *пóвиќе рăкувéтки прáват áјн пулóк* [ПК,2(92)].

пắлăштúсуве (са) impf **1. 'се задржува некаде (без ангажман)'** ~ *дéк сă-пắлăштúсуве кój гу-знáа тóлко врéме;* **2. 'се забавува, односно се залажува'** ~ *шó сă-пắлăштúсувиш ус-дéчкăта óлăн;* сп.: *зăпắлăштúсј-о: дéтто дă нé-плáче пу-нáска* (= залажи го со нешто, да не плаче) [ПК,2(95)].

пắл'ăвóцко мéсо n 'старо месо' (сп. **паливóт**) ~ *уф-кăсáпницта, сáмо áдно пắл'ăвóцко мéсо, дрýго нé* [ПК,2(95)].

пắмнил m – 'оската што го поврзува воденичкото коло со каменот и така со вртење на колото, односно на каменот, житото се мele' [ПсС-(З),60].

пắмпурéтка f 'направа на 2 тркала, се движи со помош на бензин – мотор' **[ПК,2(95)]**.

пăнгăри́ца f 'големо девојче коешто се игра со помали деца' ~ *зăстрáм-се мари́, тóлкува пăнгăри́ца, си-зăигрă-јáла ус-мăлéнките дéчка* [ПК,2(95)].

пăндýр m 'некој вид курир (во минатото)' ~ *пу-ăднó врéме рăни́ја ти́ја Тýрцте ăднó ут-нáште, ут-кулми́тте. Димúтре му-ви́ка нă-пăндýрут шо-бéше уф-сéлто, му-вéле Ми́цо, óди зéвăј ăднó ки́ло ичумéн, стó ки́ла (ки́ло ки-би́де óсум кути́и, óсум кути́и, ти́ја-сă пу-двăнáјсет, óкулу стó ки́ла). Оди зéвај, ви́ја пцéта нé-се придáвăт, дă-и-изгóриме тýка* [ВЕв,296]; ~ *пу-ăднó врéме се-сфăли́ нă-ýтрото јузбăши́јăта ут-грáдут, ут-Пáзăр, дă ви́де шó-стăнá тá рăбóта. Кă-се-сфăли́ нă-сéлто, гу-бăрá сéлто, гу-зăгрăдú тáм и дă-ви́де кáк бéше тá рăбóта, кóј бéше и му-кăжáа, гу-фăти́ја пăндýрут Ми́цо* [ВЕв,296].

пăникóт m 'широка штица со прегради за носење леб на фурна' ~ *тá-ј дăска, рăздéл'на-ј нă-прăгрáди, уф-сéкаа прăгрáда сă- турýве пу-áјн самýн дă-ки́сне, сéтне сă-нóсе нă-фýрăнта;* и: **пиникóт** [ПД(133); односно: **пăникóта** ~ *уф-н'áа ки́сне самýно, лéбо* [ПК,2(95)]; М. Малецки во Солунско запишал: **пинáкута** [MS,-s,82]; [BS,124].

пăни́ца f 1.'сад во кој се става јадење'; во некои региии се конкретизира како: 'дрвен сад' ~ *пијáтки ги-ви́куме ти: плúткички шо-сă а дăлбóка áкој пăни́ца сă-ви́ке... уф пăни́ца сă-кăлве лýк* [ПД,120]; ~ *и заедноч царјут зема една златна паница, аф неа тури едно живо мишче, гу похлупи и гу закара аф нихната удаја паницата, га кладе горе аф полицата и на тјах му вели: "таја паница да га не барнити, ча л'у да га барати ке да ви изгон'ам оттука"* [V,PM,64] – нерегуларна употреба на предлогот **уф** (во) наместо 'на': **га кладе горе аф полицата** (м. 'на полицата' – покажува дека нешто се наоѓа одозгора, а не внатре), за ова в. во граматичкиот дел; ~ *таја џанабет жена беши залуд'ала, дур да отвори паницата, и как га отвори, побегналу оно шеј от нетри* [V,PM,65]; ~ *тогáс дирвúшинот му дадé една пани́ца закл'учéна – аф пани́цата нéтри úмаши нéценéти кáмини и бизéр – та му речé: "нá ти нá тéбека, сúнку, тáја пани́ца, тá когá ки сáкаш нéшто от цáрјут, да му га дáиш пани́цата"* [V,PM,142]; и **2.** 'нешто што може да се собере во садот **паница**' ~ *излезе нај малката мома да купи и му вели: "как ги продаваш вретената?" Тојнака отговори на неа: "сос пари не ги продавам, туку сос едно "ха-ха!" и едно "хи-хи"! и една паница просу"* [V,PM,72].

пăнт' (и: **пăт**) m **1.**'место за поминување од едно на друго место (личи на широка и долга лента) – пат' ~... *ги накáра цáр'у, стóр'ạха идúн будрýм "лави́ринту". За да фл'áзи ч'ув'ăк, сăс кулáј фл'áваш'и, алá за да сл'ăзи, ни мóж'иш'и да нáј пăнт'* [MSt,58]; ~ *сă вăрна назáт' да ви́ди, ш'ó да ви́ди : идúн пóп сăс иднó магáр'ạ јахнáнт и врави́ пăнт'ут* [MS,t,70]; ~ *утúди, утúди мрăва пăнт' и нáјди инá пéш' пýлна л'áбуви* [MS,t,61]; ~ *прáву пу пăнт'ó у Сулун* [ПсС(3),64]; ~ *úдиш'и на полувúнију пăнт', исл'áваш'и дјáвулу, му брăкаш'и вóда ... и му ја спúваш'и вудáта* [MS,t,44]; ~ *вилú... : "рáстувари другýгајут кóн' на пăнт'ут тувáр'ут да јáхни д'ăдуту!"* [MS,t,80]; ~ *боса мома река прегазила,[да нажниje росна дитилина,[*

да наране јунакова којна,[ем гу ране, ем му порачуве:["Јади, јади јунакова којна,[ду нидел'а пăт ки да путуваш,[пăт ки пăтиш за млада нивеста" [ТГ,164]; ~ *утúвал пујнó вр'ăм'ą за да рáбути и гу стр'ăл идин харамúја на пăнт'ó и му брăкаш'и парú* [MS,t,18]; ~ *óјди на инó с'éлу, фтáса на крајó, зúма гу фáти гул'áма на пăнт'ó* [MS,t,15]; во западната и северната регија од Долновардарско (или од Солунско) нема траги од назализам: ~ *ут нúвата úдам, Нéдо, на пăтут гу стрéќам[на пăтут гу стрéјќам, дýшо, твójто стáру áру* [МЕ(Р),98]; ~ *на тóа врéми, удéки пу пăтот Исус, а видé иднó човéк шо бéши слéп ут кá си родú. И му питáа Ученúцити нéгови, ем вél'ат: Дидáскале, кój и грешú, вóа, úлим тáткото, úли мájка му, да си рóди слéп?* [MV(K)258] – во контекстот се повторуваат некои регионални граматички посебности, прво во врска со засегнатоста на категоријата род (несоодветна конгруенција): **а видé иднó човéк**; второ: нерегуларности кај заменките во употребата на прав и неправ предмет: **и му питáа Ученúцити нéгови,** наместо: 'и гу питаа'; **2.** 'воден пат' ~ *на пăт'у му тéкна и речé на гимцúата: "брáте ... туку да úдими на дрýго место, дéка вăрви стóката по-скăпа"* [V,PM,14]; **3.** изр.: **нă-пăто дă н'оо стрéтум** (= кога двајца се мразат и не сакаат да се видат) [ПК,2(185)]; **здрав чувек секуј пăт пари чине** (изрека: од здравиот човек секогаш има некаква корист) [ТГ,247]; **сипрáве пăт а.** (= се упатува некаде) ~ *и сè пу пăтут си óдиши, и на сéкој грáт и на сéкоа сéло си прикажýваши, и пăт си прáвиши за Јерусáлим* [MV(K),329]; **б.** (= прави добрини на блиски или подалечни луѓе со цел да му вратат кога ќе му затреба) [ПК,2(194)]; сп. уште: **кăд му-ј пăтут** (= за каде тргнал) ~ *ки та свалјат ут дубитукут и ки та клаат да носиш или да ојш пу них там кад му-ј на них пăтут* [МЕ(Р),74]; **един ден пăнт** (= растојание што може да се помине за еден ден) ~ *тогас Бăлгаринот и зéма двете магаринта от дјадото и, вјахнал на еднојут, отиде един ден пăнт; утрината и вјахнал на другото* [V,PM,180]; односно: **неколко саати пăнт** ~ *отиде неколко саати пăнт и, га гленда, отпрјат него си запали един силин вогин, пламин здига дур на небету* [V,PM,175]; **пăт да ни чине** (= да ни го стори патот отворен, прооден) ~ *јазе да ти купам, Злато,[руба, мăшка руба:[сармалија ле џамадан,[ајталија фустан,[оти наши са дервенти,[страшни ле дервенти,[који ки те виде, Злато,[сè пăт да ни чине* [ТГ,94]; ~ *кáта стó гудúни станýва и пујнó тáвма - пфójта гăска прул'éтна, утúди да ти направи пăнт'ó* [MS,t,57]; **роди ме, мале сус касмет** (или **касметлија**), **па ме фрли на пăт** (= многу работи во животот зависат од добрата или лоша среќа) **[ТГ,313]; пăт-параси** 'давачка, такса за поминување низ мост, или пат' ~ *ангаријата за пăтиштата като коа сă сиче, иако оша живи сăл ув оша полош кăлăп като* – **пăт-параси** [МЕ(Р),74]; **глéндај си пăнтјо** (= замини си, оди, не ме вознемирувај) ~ *мóмá му вéли-гóóри: кó си ергéн, пóстój, чáкај,[дą ти дáм кăтка мăшą;[кó си жéнен, глéндај си пăнтју,[глéндај си пăнтјо, скрăши си врáто!"* [ПсС(З),74]; **гу-зé пăтут** (= тргна да оди некаде, замина) ~

имáше идну-стáр чóек идну-врéме. Идну-дéте си-имáше. Гу-зé дéтито дă-гу-нóсе у-нúку мéсто дилéку нă-скул'ó дă-ýче дéтто. Гу-зé пăтут, гу-нóсе, нóсе, нóсе ... Дéо, стáр чóек [ДК,140]; ~ *царците синуви збор чиниха и рекоха меíу них: "ади браття, да оставиме тука пот камин'ут наше прăстени и да земи секој по един пăнт, да бăркаме тасот". Така чиниха, секој земаха по един пăнт, хождат* [V,PM,236]; ~ *фати тја, му дала на чобанот, му даде нејните нивјастинцки руби, и он даде на неа неговите чобанските руби. Са миниха, пак тја зема пăнтјут, отишла пак на Спамбол кату чубан* [V,PM,239]; ~ *ја клáва на кóн'у на кăч'у... си прул'éтнува утáм и кáрат, кáрат, з'éха млóгу пăнт'* [MS,t,23]; **исправéјтисте пăтот** 'тргнете, заминете' ~ *ричé: Já-сам глáс шо вúкам на пустилúа: Исправéјтисте пăтот Господúново* [MV-(K),252]; ~ *ут крáј ут Евангéлјот Исус Х...-ува, Син Господúново, кату́ как и кажáле Профúтити: Ету јас ки пýштам Ангелот мój нáпри на тéб, вó ки испрáви пăту-ти при тéбе* [MV(K),307]; ~ *Глáс вел'áла уф пусталúа: Исправéјти пăтут Господúноф, рáмно чинéјте пăтúчкити нéгува* [MV(K),307]; **кóга ќе-му-пáдне пăт** (= кога ќе се јави згоден момент) ~ *свéкăрут ќеотúде у-мóмата на-годúна, на-половúна, кóга ќе-му-пáдне пăт, – засвáдба да-се-прикажýват. Ќе-кáже свéкăрут: "Ќе-дáјш мóмата, за-фнедéл'а свáдба да-прáвиме?"* [ВЕв(Бар)].

пăнчá (и: стúска) f ~ *áк зúмиш тăкá, уф едната рăка, а áк зúмиш уф двéте грăс* [ПД(115)]; од Кукушко: ~ *кá ќ-аа-нăпăлниш адната шáка ус-урúс-ли, ус-фасýл'-ли, тó-j пăнчá* [ПК,2(95)]; ~ *пăнчáта ин вúкат тáа* (покажува на собрани прсти и отворена дланка). *Ус-пăнчáта зúмиш, úли вójчка сă-нăпијш úли шó бúло. Зúмиш аднá пăнчá вójчка, сишмăркнувиш. Пá сăшто, јá тăкá, зимáл-си пăнчá урúс или фăсýл'. И стúска вúкме, кá ќа-стúсниш – та сă-вúке стúска. Ус-двéте пăнчú грăс ќи-грáбниш, то му вúкăт грăс* [ПК,2(239)].

пăнăгúă f 'специјален леб што се носи в црква за здравје' [ПД, 118]; на **пăнăгúăта** се втиснуваат фигури и знаци со **паскурник, пăнăгиата** се крши, се дели и се прави **нафора** што им се дава на верниците; сп. изр. **диге пăнăгиа** (= верски ритуал кога свештеникот пее врз специјално приготвен леб за в црква); фактички церемонијата тече вака: откако попот ќе отпее некоја молитва над сад со пченица, односно над *панагиата* (: *пупа*), потоа ќе го повика оној чија е **панагијата,** ќе му ги укрсти рацете и преку нив ќе стави марама, врз марамата ќе го стави лепчето, потоа и самиот свештеник ќе ги стави рацете врз лепчето, односно врз рацете на верникот и сето тоа заедно ќе го подигне и спушти три пати со зборовите: *"Вилико име Свита Трујца, Присвита Бугуројца, пумилуј нас"* [ТГ,91]; ~ *пéтте лéба на вéчăра úмин дéн; на застрăта ќи дóе пóпут да дúге пăнăг'úа. Кój сáкше, закól'ăвше курбáн, кój сáкше варéно гу дáваа пу кумшúј, пу рудни́ни* [ИГ,118].

Пăнăjóтуф 'презиме запишано во Кукушко' ~ *дéтто бил нă-пóл'то. Имáло утéпно тýрски вујнúк. И тúа сáа гу-фájкăт дéтто да-кáже кój утипá Тýрчинут. Тóо дéте рéкăл: "Нé знáм". Му-удрúли кутéкут, опубăркáли и кăжáл: "крицувáне".*

"Кój-сă?" "Мúцо Пăнăjóтуф и Гóце Кл'áнкуф" [ПК,2(Крец–294)].

Пăнăрлúj top. име на село во Кукушко, на југ од пл. **Круша**' ~ *úмăхме плáнна нúа блúзу, áма уд-***Рáмна** (име на село) *нă-гóр. Ут-***Кăрá-мутлú** *нă-гóр, ут-***Сăрдумлúа** *нă-гóр. Тúа бúи плăнúнцки мéста.* **Пăнăрлúj** *пу-стрăдú плăнúнта бúше. Плăнúнта сă-вúкше* **Дулá-тéпе** [ВК(Шт),288].

пăпáс m **1.** 'свештеник, поп во православна црква'; **2.** 'носечка потпорна греда во кровната конструкција на куќа' [ПК,2(95)].

пăпсувáчка f 'кога организамот е многу исцрпен' ~ *тóги сă-рăбóтше ду-пăпсувáчка* [ПК,2(95)].

пăпýда f, bot. 'мешунасто растение од типот на гравот' – ~ зрната *жăлти сă, мóжăт и кăфjáви, úма édна málko сúво-бéла и жăлта'* [ПД(123)]; во Кукушко запишавме: ~ *óна-j кут-фăсýл'о, жăлта-кăфjáва, нé сă-нăвáруве и нéма тăкóф слáч кут-фăсýл'о* [ПК,2(95)]; ~ *разбулел се дете нежинено,[нити жинено, нити армасано,[пусакало нешто пунуда,[нешто пунуда, шúкер црни сливи,[шúкер црни сливи, варена папуда* [ТГ,158] – за називот **папуда** Тановиќ го дал следново значење: 'грав од најлош вид'; кај М. Малецки објаснувањето за нијанса се разликува, односно е обопштено како: *"др'ébна фасýл"* [MS,s,79].

пăпучáр* m 'мајстор што прави, односно поправа кондури' ~ *уф-Мурáрци úмше двé млúна на гáс, на-газија, двé млúнуве úмше. Сéлто бúше кулк пулвúна грáт. Гáс вудúнúца му вúкахме. Пăпучáре úмше, нáшто сéло прăку петнájсе дýши пăпучáре* [ПК2(216)].

пăпăлáрник* m 'преграден дел од шпоретот во кој паѓа (се собира) пепелта' ~ **спýза**-*j уд-óгино пéпăлта сус мăлéчки жáрчишта. Ки цăрпнии ут-шпóрто, мăкáр уф-пăпăлáрнико, жáр шо пăjцúне дóл – спýза тá-j* [ПД,135].

пăпăл'áф* adj 'нешто што има боја слична на пепел' ~ *пúле-j тăвá, пóмăлéчко уд чáфкăта, óн éj сúво, пăпăл'áво* (објаснување за птицата **киркинéс**). *Киркинéс сă-вúке и зăчувéк шо гувóре тéнко* [ПД,126]; ~ птицата **врăнишчé** има *пăпăлóва буjá* со бели перца [ПД,127]; ~ птицата **дрájка** има *пăпăлóва буjá*, долги нозе и долга шија како **пиликáн** (штрк) [ПД,127].

пăр-пăр interj 'извик кога се тера магаре' ~ *кăк сă вăркаха ут дрăвáта, úди дур на пулувúну пăнт', му вилú: пăр! на магáр'ату* [MS,t,48]

пăрвáк f **1.** 'првата ракија што истекува од казанот кога се вари, таа е многу лута и се користи како лек' [ПК,2-(Крец–95)]; **2.** 'првенец, најспособен' ~ *е, дáве-му стó лúри, óде уф-грáдо, сă-бунúве у-вójнта мýзика, музикáнт дă-с-ýче. Иде гудúнта, úде-си дóма. Ама-с-нучúл музикáн, пăрвáк. Гу-пúте тáтку-то: "Кáк бé сúно, шó напрăвú?" "Нúш-вúке тáте, óште аднá гудина, вéле"* [ПК,2(Ним–270)]; ~ *óде уф-аднó каавинé кóмар дéк игрáат. Сă-нýчуве кáртuиа пăрвáк. Иде дóма, пá гупúте тáтку-му и бáч-му, бáчăвцте. "Кáк бé сúне, шó напрăвú вáа гудúна?" "Тáте, нúшто"* [ПК-2(Ним–271)].

пăрвáрка f, zool. 'крава што прв пат се отелува', в. **пăрвускúна** [ДК,-104].

пăрвиј* и: **пăрăвна** (m и f) adj, num 'прв, претходен' ~ *когá ки осýмна, тогáс вúкат пăрвиј мăж, пак никáх га чúнат* [V,PM,10]; кај Малецки: **пăрăвна (пăрăмна)** – и за машки и за женски род (уште една потврда дека категоријата род во овне говори не функционира, односно функционира само делумно); сп. *пăрăмна братуч'énди; пăрăмна нук* (= правнук) и *прумлýк* [MS,s,90]; в. **прăв**.

пăрвижничка f, zool. в. **пăрвáрка** [Д-К,104].

пăрвиạ сăн 'сонот што го фаќа човека веднаш по заспивањето, тогаш многу тешко се разбудува' ~ *и тúạ сạглáсили, рéшили дạ-гọ-утéпат. И легнáли вéчартạ и, се-нарéди (óти вéчартạ, кạj-двạнájси, едúн сáтọ, тéшọк пăрвиạ сăн) кój кáк ки-стúгни, кój кọпáч, кój балтúạ, кój дăрво, и дéкạ лéжи. А-óн мýдар. Клáл едúн трýп ọзгóрạ и-гọ-пóкрил* [ЛС(К),117].

пăрва рăка 'првата фаза од некоја работа, пр. кога се игра карти, кога се бере тутун и сл.' ~ *му-гиземáли сúте пạрú нạ кạпетáнọ, тúи, друýгити кọмạрџúи. Тój му-вúкạ, детéтọ: "Дáj-ми еднá лúрạ, дв'á, ác дạ-фăрлạм, вúкạ, дạ-вúдам зáрọ". Фарлúл. Шó милýвạ, твá, готóвọ. Дубéеш, душéш, сúти. Тój сè прибúрạ. Ни-и-прибрáл парúти. Сéгạ, дójде зạ-брóдọ. Нạ-дв'á рăџи, нạ-пăрвạ рăкạ, полọвúнтạ брóт, нạ-дв'á рăџи, брóдọ бáши, ц'ál, ни-гọ-зéвạ и-брóдọ* [ЛС(К),125].

пăрво adv 'понапред' ~ *"е братку, как ти некам? Ама да ти кажа пăрво, дека ке да идам, та, аку сакаш, ела!"* [V,PM,43]; ~ *тогас тој му и рекла на них: "јазе ја скокнувам, ама сакам пăрво сос царјут да чинам здрав и јак пазарлик сос писмо и сос мјухјурја"* [V,PM,185] – нерегуларност во конгруенцијата: **тој му и рекла на них**; ~ *Пу-пăту влéгăл у-иднăшчúлница зă-дă-кăсне нúшчо, áма нимáл скăршена пáра. Пăрво г-упúтăл ăшчúăта дáли мóже дăjáде нúшчо, áма кóга ки-сă-вăрне уд-гурбéт дă-му-плáте* [ДК,155]; и: **пăрвно** ~ *тугá, стáро врéме, тáка имáја -- клáпа нă-врáтта. И тáп врáтта, си-óде дóма. Си-пăрвно вичирáле унăтре, димéк, си-вичирáле árно, си-прăвúле кéјф цéла вéчер. Нăрáнто: "А бе ѓăýр, му-вéле, а бе кăýрче, зéвăј двé лúри и ój си!"* [ДК,134]; односно: **пăрно** ~ *утúшлă тáм вá, зéлă дạ-гу-тúске нарóдут зạ-дạ-влезе óна пăрно и су-бăклавúјта дạ-му-дáде на-нивéстта дạ-ýмре* [БМ(Зб),199]; кај М. Малецки (од Солунско): 'најпрво, на самиот почеток' [MS,s,90]; сп. **пиш'ún**.

пăрвускúна f 'крава што прв пат се отелува' (Дој), во Ник: сефтéшка [ПД(125], в. **пăрварка**.

пăрвăрзе pf 1. 'врзе повторно (да биде сигурно)'; 2. 'направи преврска на рана' ~ *нé гу пăрвăрзáла árну* [ПГ(Фур)].

пăргуф adj 'брз, многу подвижен' ~ *му спóре рạбóтта, пăргуф чувéк* (= брзо работи, му напредува работата) [ПД(116)].

пăрдéлин* adj 'утврден, определен' ~ *фăтúли óни, избăгáли. Избăгáли, и тóа ги-ситúл édно врéме, зéл пу-нúх дă-тăрче, пу-пăто. Дóбро áма, ón имáл пăрдéл'ăно, нéгуво мéсто, уттáм нăтăкá нă мужéл, знáчи куту грáница* [ПД,159].

пăрдúа f 1. 'исплетени трски во правоаголна форма', во др. говори: 'леса' – врз **пăрдиата** се остава свилената буба да се развива; во врска со тоа во Гевгелиско го има следниот обичај: на *Вилики читвртук*, пред да огрее сонцето една **пăрдиа** ќе се намачка

со тенок слој од говедско лајно, *кулку за адет*, потоа се остава еден корен коприва, а од страна ќе се обеси една глава лук – за да чува од урок – суеверие [ИГ,127]; [ТГ,58]; **2.** **пăрдиата** се користи и за преграда, во случајот: 'ограда на трло' ~ *ричé Гóспот на Чифýтити шо си дуjдéле кăд нéго: Истúна, истúна вéл'ам на вáс, тóа шо не флéва ут врáта уф мáндрата óфцка, тукý си качýа пу пардúити, тóа арамúа и батакчúа* [MV(K),319] – во контекстот имаме случај кога атрибутот е во постпозиција во однос на именката: **уф мáндрата óфцка** (м. 'уф офцката мандра'); **3.** fig. 'изразито слаба жена' ~ *ká сé-j чинúла тáа вáшта снáа алúс пăрдúа, нă-sýдо да-зăлéпиш* [ПК,2(95)].

Пăрдикон' top. 'многу стрмно место во *Горно Броди*, Серско'. "Композитум образуван според моделот: глагол во заповедна форма + именка. Името кажува што прави коњот кога се искачува по стрмно место" [ЈИ,Ми...,180].

пăрдóло adv 'удолу' ~ *и-вó утúшăл на-планúнта. Вăрте лéво-дéсно, нă-можúл да-му-и-уткráде. Итуварúле аскéрте мăските су дăрва и-сă-вăрнáле пăрдóло да-сигрéдат. Вó шó práве? Оде нáпрет, сă-убисýва су-глáвта пăрдóло на-ѧдна-бýка* [ВК(Ран),323].

пăржéшка f 'гоштевка што се организира на третата вечер откако ќе се роди бебе, тогаш се пржат *лăнгиди*' ~ *Бúло дóцкăна и то: тăргóвăцо видéл дéка свáтé: уф-нéко: кăшча... фл'ăзéл уф-двóро и-чукнáл нă-врáтта. Тú: испăднáле, гáздите, и-о-прăимáле нă-гóсте. Та: вéчăр óни пă ки-прăвúле пăржéшка, имáле рóдăно дéте, жéнцко* [ПД(151)].

пăржи* impf 'приготвува јадење на огин, но не со варење туку со пржење (пр. колбаси)' ~ *утúдăк у-Сăркúнуву, утúдăк гóре у-планúнта, нăjдéк трú мóми и кăпидáнут – пăржија дрóп. И са-нăсмијáме, са-нăсмијáме. И, кинисáк пá, си-бигáк* [БМ(Сар),204].

пăржúве* impf 'кога животното преживар повторно ја прежвакува храната, прежива' [ПГ(Фур)]; ~ *Он мúсле óти нóво мéсто нéгăвăто, сè тáм к-óдăт, а нé óде нúкуj тáмка. Сăпăлнúле, сă-пăлнúле сè нă-вéткуто мéсто. Уф-нóво аăр, тáмка уф-нóвуто мéсто, уддéл сáмо едúн вóл. Вéчăрта нéма кój дă-му-дáде акăл, а- пă-вóло си-пăржúвăл* [ПД,161].

пăржúвне* n 'чинот, активноста кога животното ја прежвакува храната', в. **пăржúве** ~ *Уф-нóво аăр, тáмка уф-нóвуто мéсто, уддéл сáмо едúн вóл. Вéчăрта нéма кój дă-му-дáде акăл, а-пă-вóло си-пăржúвăл. Лýто му-вúке: "Ним-ми сă-крúви ки-тăзăкóл'ум". Вóло пá си-пăржúве, шознáе вóло, си-пăржúве. Он знáчи то-пăржúвăнто гу-лăгăл за сă-крúве* [ПД,161].

пăржăн* adj 'јадење што е приготвено со пржење, не со варење' ~ *уф-лýпкăта сă-тýре, ниă му вúкăме кăтăк, ýрда, пăржăни jájца, шо бúло, ги нóса уфчáрто* [ПД,120].

пăрлáнто n 'тенка (свилена) женска шамија' [BV,137].

пăрле n **1.** 'младо магаре'; **2.** изр.: **тăрче куту пăрле прăт мăгăрúца** (= кога помладиот соговорник не го дослушува постариот, односно не го остава да се доискаже) [ПК,2(200)].

пăрлúа f 'округло парче даска, убаво изработена, мазна, жените ја користат за месење' [ИГ,128].

пăрлúву мáслу 'масло што не се користело многу време и поради тоа станало негодно за употреба'; со исто значење: **мирислúву** [MS,-

s,80].

пăрли́да f, zool. 'вид мала школка, ја има во Дојранското Езеро' [ПД,128]; и: **пурли́да** [ПК,2(92)]; Ј. Иванов во Валовишко запишал top. **Пурлида** (име на село до Струма) и додава дека називот е нејасен, но со забелешка дека наставката напомнува на грчко потекло [ЈИ,Ми...,179].

пăрлица f, zool. 1. 'магарица (млада)' [ДК,104]; 2. fig. 'поодраснато девојче' ~ *цéла пăрли́ца си-стăна́ла, о́ште ус-ку́кли си-игра́јш* **[ПК,2(95)]**.

пăрли́чʼа n, zool., dem. 'малото од магаре – прленце' [MS,s,90].

пăрлʼа́к m 'младо машко магаре, прле' [ПД(130)].

пăрлʼо́к m, zool. 1. 'машко магаре'; 2. – пејоративно за човек: ~ *а́рин пăрлʼо́к и́ма ду-нʼа́а* [ПК,2(95)].

пăрлʼутѝна f 'мирисот што се шири кога нешто гори без пламен, неинтензивно' ~ *не́где го́рат не́што, но́го мири́се нă пăрлʼути́ни* [ПК,2(95)].

пăрмо́н m 'прекар' ~ *сѐ са́ке дăзна́а по́вќе уд-си́те, нăд си́те уд-го́ре де́-ј са́ке, кут писку́лʼ, зăто́о му-ј-зва́дин и пăрмо́н Писку́лʼо Са́нде* [ПК,2(193)]; ~ *нă-на́ска пăрмо́но не́-ј Бăрбăнди́ци* [ПК2(95)]; и: **пăрăмо́н** ~ *нă пăрăмо́н му-ви́кăт, не́ нă и́ме* [ПД(133)].

пăрмạче́та f 'голема, бела свеќа' [ПК-2(95)].

пăрна́ј, пăрна́ј ме́лице – име на детска игра (некој вид танц) [ПК,2(95)].

пăрна́рка f, zool. 1. 'вид кокошка, со пердуви како кадрави'; сп. **парна́р** [ИГ,128]; 2. 'кадрава, разбушавена коса' ~ *ти́а ва́ште мо́ми о́дат кут пăрна́рки, сѐ-сă не́че́шни* [ПК,2(95)].

пắрне pf 'кога птицата одненадеш ќе летне' ~ *пăрна́ прăд ме́не* (= летна пред мене) [ПД,126].

пắрој m 'суводолица во која доаѓа многу вода по силен дожд', односно: 'надојдена вода од дожд' ~ *којлјте оат повике крај друмут пу идната или пу другата страна уд него, пуминувајќи на него коа има прид них пăрој* [ME(P),74]; и: **порój** ~ *на пăтју гу и фатил един дăш, един страшин облак... И така кинисса та отиде до една река. Кога виде една мăтна вода, един страшин порој, седна тамо, са почуди, как да мини* [V,PM,93]; Малецки во Солунско запишал **прój** (и: **порój**) 'надојдена силна вода *ут сн'ạго́, ут дăж'до́*' [MS,s,89]; в. top. **Пуроj**.

пăрпе́ле (се) impf 'се преметка' (пр. кога спие немирно) ~ *вá ве́чăр сăно́ш сă-пăрпили́х, зе́р уд-жиш-ќа́фта* [ПК,2(95)].

Пắрс -top. 'место со многу ситна земја' (Ј. Иванов погрешно запишал 'песок'); од стсл. **прѣсъ** (со метатеза); сп. *Бја́ла Пắрс* (*Бутково*, Валовиште) [ЈИ,Ми...,180]; сп. **прăс**.

пăрсе́:но (< пресеено) adj 'растение што е повторно садено'...

пắрске impf 1. 'кога некоја течност ќе биде разложена на ситни капки што се движат'; 2. 'кога ситни делови од нешто леткаат на различни страни' ~ *ка́ о́де же́:нта, јăбу́лкăта си-ј ди́ге гра́нуфто, та́а нă-мо́ж дă-фа́те, дă-ски́не. "Се́ч-гă ца́ро та́а јăбу́лкăта". Га-сичу́ве, а́рно а́ма чука́јќи, ка́ а сичува́л, дắрвуто пăрска́л, дува́ро прăскукна́л не́каа трéс- кичка уд-ја́бу́лкăта* [ПК,2-(Крец–300)]; 3. 'ги варосува ѕидовите' (во минатото варосувањето се вршело со метла, со прскање) [ПД-,114]; во Солунско (според Малецки): **прắска (сăс вắр)** [MS,-s,90].

пăрстéгне (сă) pf **1.** 'се облече прибрано, стегнато'; **2.** 'сериозно се приготви за некоја важна работа' ~ *вúке: "Мájко, нé-пáсме гáаре гувéда. Сjáа áс пурăснáх ергéнин, ќ-ójш, ќа:-тéриш цáруфта мóма дăсă-жéнум"... Е, ќ-óде, зă-чéдо зăатăр, мájка, ќ-óде. Сă-пăрстéгне бáпта мóре Кóста, óде и вúке: "Цáре, á-сум дójдăна стрójник"* [ПК,2(263)].

пăртизан m 'припадник на организираниот отпор против фашизмот во Грција и Егејска Македонија' ~ *вó младúнцут шо-бéше дуjдéну думéн и ми-ричé: "Бај-Вáни, ќи-сизéвăш идéн вéрин другáр и ќи-ójш фил'áн мéсто, ќи-гу-пручúстиш – тáм дека-бúле пăртизájнто"* [БМ(В),191]; ~ *úмăше трú пăртизájне тáм, гу свалúja уткубúлта сăмáрут, гу скинája ... извадúja трú пúштоли, ги клăдéja у-сăмáрут и трú книги и ми ричéja: вjájни-а кубúлта сéга óди у Бúзуву. Ká-ќи-óдиш ду-Бúзуву адин стáп пукубúлта дă-и-зăмúниш Гăрцте* [БМ(Сар),204]; ~ *ée, ăдúн úмше сăjмéнин, jók до:-чúне сè шéтше пурéкта. Ас нусúх лéп, ќи-м-jо-дáăт:ájдее, вăрвум áска, нéма шó. Стрáх, нé стрáх. И сjáа кă-дуjдée náште пăртизáне, пá удúх. У-Вăрвáрица сумнусувáла лéп и jáдне* [ВК(Мал),290].

пăрч m, zool. 'некастрирано машко од коза, служи за приплод' [ПГ(Фур)]; ~ *и тăвá стăнáло гулéмо дéте. Ергéн стăнáл, ергéнче. И тáа бáбăта рéкла: "Сúно, с-кáчиш нájн пăрч, ф-срéт нă-гóрта úма аднá jăбýлка, ќ-ójш ќ-а:-зéмиш тáа jăбýлка и аднóто óко ќи-м пуглéдне". То: că-кăчúл нă-пăрчо* [ПК,2(230)]; ~ *пăрчо тăрчáл, то: уддéл, скинáл аднá jăбýлка, дăдéл нă бáбăта. Тáа издéла jăбýлкăта и пуглиднáло аднóто óко. Пóсле нéкуj дéн пá гу-пýште* [ПК,2(190)]; ~ *кăчúл-că нă-кójно, кăжáл "Збóгум мájко!" "Чéки сúно, дéк ќ-ójш, ác ќи-дóм". Тóо буцнáл кójно, пá нájн пăрч că-кăчúла бáбăта. Дуjдéл ду-áдна рéка, кójно пумнáл рéкта, пăрчо н'а:-пумúнуве* [ПК,2(230)].

пăрч-пăрч interj 'извик за терање кози' [ПД(126].

пăрчка f 'стап, прат' ~ *То́ му рéкăл: "Арно. Jác кă-ќи-му-кýпăм ини-чéjли, ák и-зăбéсе инăши нă-пérунут-му гóре, áко пáднăт тúа чéjлите утпérунут, тугáj ќ-ă-зéăм дăскăлúцăта"... А тáа имáла инăтăкфá пăрчка, óше и-дупрéла супăрчкăта чéjлите и пăднáле дóлу* [ДК,147]; ~ *нá-ти-о, вéле, то: шпúрто, ки-збéриш сăчки, пăрчки, ки нăвáлиш едúн óгин, ки-jизгóриш, ти: двăтé кýчишча, áма цăрнуто ajрúа, бéлуто ajрúа* [ПД,147]; ~ *тúа рáботат, óн сéднал на-бáнатă, на-ọмáкọ. Едно вр'áме, нáли дóлу пóвисóко, жáрта дéка-е. Запóмнили-сте вúе. И-óн, еднá пăрчкă, еднó стáпчи и-сáмо горúи пéпело* [ЛС(К),110]; и: **прăчка** ~ *то: că-вúке бéнт. Пу-н'о: пумúнуве вó:та. Дуjдýве ду-тăрáк – тúă-că нăрéдăни прăчки кój-шо-зăдăржувăт дăнé-флéзе уф-бýкăта ѓýбре, грáнки* [ПД,171]; односно: **прачка** ~ *царјувата мома кинисала да иди и пак на мајчин гроб са поплачи, и пак от гроб глас са е чуло: Немој плачеш, мила керку! Л'у дека имаш закопани двете прачки, жăлтата да земиш и сос неа царјувото дете да гу учиш. И кату ки са научи, после теби ке ти сака* [V,PM,276]; ~ *и кога приближеха векu покрај касабата, у стредја пăтјут беха приботнанти три прачки, една зелена, друга жăлта и трета царве-*

на [V,PM,282] – во контекстот имаме неусогласеност во развојот на големата носовка: **пăрчка (прăчка)** и: **прачка** – оваа последнава излегува од дијалектната норма; в. **прăчичка**.

пăрша f 'ситни лушпи што се јавуваат на кожата од главата – првут' [ПД-(130)]; ~ *цéлта глáва мé-j пăрша* [ПК,2(95)] – привидна употреба на кратката форма за директен објект **ме** во функција на дативната 'ми', фактички се работи за асимилација и редукција на допирот меѓу заменската форма и 3. л. од 'сум': **ми + е > ме + е > *ме-j***.

пăршóле impf ~ *кá вăрне снéк или дóш пу мáллчко: вá:дăн цéл дéн пăршóле снéк* [ПД,131]; ~ *дă-пувáркиме, фатú дă-пăршóле* [ПК,-2(95)]; од истиот корен во чешкиот јазик постои глагол со значење 'врне'.

пăршóл'ка f 'остаок од пржено и топено свинско месо, цимиринка' [ПК,2(95)].

пăрăвну adv 'напред, пред другите' ~ *тузú битиснýва пăрăвну заш'тó кăрăф тич'é* [MS,t,40]; в. **пăрво**.

пăрăжлúф adj 'лут' (пр. *пăрăжлúф пипер*) [ПД(119)]; и: **пăлижлúф** 'нешто што има лут вкус' ~ *шó зé ájн пăлижлúф пипéр, уф-ýстта нé сă-клáве* [ПК,2(95)].

пăрăхóд m 'направа (голема) за движење по вода, пренесува патници, стока' ~ *е, тóо тăргóвиц сă-качýве уф-пăрăхóдо, дистúна дýши миníстăре сус-нéго. Пăрăхутчúита зăпáле пăрхóдо, ут-тáм прăку-Итáл'ја, на-скéл'то излéват, сă-свăл'ýват ут-тáмка* [ПК,2-(Ним–271)]; ~ *"слýши, му-вéле, кá ки-ти-дáде он нă-тéбе злáтнио пăрăхóд, пăмпóро и вăгóнто тú, рăчé, нă та: дáта дă-дójдиш пá прă-мéне тýка; нéкуј зáлиф имáло тáмка, удмóрто. Ки-сă-нájдăме, рăчéл, и пóсле ки прăдăлжиш зă-дóма"* [ПД,148]; ~ *кá сă-испăлнýве врéмуто дудéка му-рăчéл дéуто, нă-та: дáта дă-сă-нájдăт пá тáм, о-зăпúре пăрăхóдо тáм, нăкăде грáницата, дă-претстáвăме. Изл'ăзéл тăкá, рăбутнúците си-úмăт јáднe, пújне* [ПД,150]; ~ *кăвцúцкио сúн úч-гу-нéма, óн чéка дáтта, а óни едúн дéн пóрáно прăстигнáле. Утринтá о-курдúсуве пăрăхóдо, злáтнио пăмпóр, стигнýве дéно, ги-пукáжуве пăрúте гă-зúме цáрскăта мóма зă-жéна* [ПД,151].

пăрăхутчúи* m 'тој што управува со параход' ~ *е, тóо тăргóвиц сăкачýве уф-пăрăхóдо, дистúна дýши миníстăре сус-нéго. Пăрăхутчúита зăпáле пăрхóдо, ут-тáм прăку-Итáл'ја, на-скéл'то излéват* [ПК,2-(Ним–271)]; ~ *пăпúшуве аднá гулéма книгa, пúсмо демек, гă-дáве нăпăрхутчú:та, а óн тáа нидéл'а устáне уф-С..., дă-кáжме, де. Г-испрáште них. Шó пишáл, пишáл тóо тăргóфцо, пăрăхутчú:та, сjо-клáве пúсмото уф-цéбо и пá сăвăрúнат* [ПК,2(Ним–271)].

пăскýрник m ~ *тó-j дăрвино кăпáче, шарéно, ус-нéго сă-шарăт пăнăгúјте* [ПК,2(95)].

пăстрăни́ца f 'добра домаќинка, што знае ред и економичност' [ПК-,2(95)].

пăт m 'линијата со која косата на главата е разделена, патец' ~ *изрéшсе, испрáв-го тóо пăт мáлко, кá сjó: нăпрăвúла, чúниш кукóшките тj-а:-рujáли кóста* [ПК,2(95)].

пăт m (се јавува зад броеви или определби: друг, некој, често и сл.; означувајќи повторување, односно еднократност на некое дејство) ~ *едúн дéн прати от един побрáтим да тера десетина грóша на зáшм, нé му дáдоха; друг пăт сам терáл от дрýг приáтел*

[V,PM,7]; ~ *кăде-на́ска два́-пăти и-стри́жăме. Пăрвăта вăлна а-ви́кăме ста́ра вăлна, сéга про́л'ăтта шо-ки-сă-стри́жат, а вто́рăта пă, éсăнта стри́жăна, та· ја-ви́кăме ја́рина* [ПД,157]; ~ *и с'éтн'ạ за гу ва́дими ка́та д'éн' и два пăнт'а на дин'о́* [MS,t,4]; ~ *éдну врéме сижи́вăјале еди́н по́п и éдна пупа́дија. Пу-не́кулку гуди́ни уф-ни́јнит бра́к пучна́ла неслóакта. Пупа́дијата чéсто пăта сă-нăјдува́ла ус-еди́н ни́јн кумша́* [ВГ(Бог),275]; ~ *нас гуди́на ш'ту и сă с'ăј, д'éсит', дванајси пăнт'а тр'ăбува да сă скупа́* [MS,t,4].

пăта impf 'прашува', в. **пи́та** ~ *с'ă ја пăта: "пи́ч'ку, ко́гу т'ạ иба́?"* [MS,t,78] – ген.-акуз. форма **ко́гу** употребена со значење на номинатив, место 'кој': **"ши́ч'ку, ко́гу т'ạ иба́?"**;~ *"ки́к прумина́ тóс вéч'ăр, Пе́три?"– "тóс вéч'ăр мло́гу знój имăх!"* ~ *утиди... на́јди по́пут и гу пăта: "и́мати пуидин хи́тра Пе́три?"* [MS,t,75]; ~ *"с'éдни – вили́ – на тáс купа́н'а, ја́с – вили́ – за ја пăтам пи́ч'ката"* [MS,t,78]; ~ *ути́ди на пала́м'ут и гу пăта мума́та: "ш'о́ сто́ри?"*... ~ *"ја́с за и́зл'а навăнка да пăтам, бе́лки на́јда пу ина́ ра́бута"* [MS,t,84]; ~ *ни знајаш'и н'ăфту; с'éдна на сука́кут и гу пăтат: "ш'о́ бра́кăш' ту́кă?"* [MS,t,81].

пăте* impf 'оди, патува' ~ *боса мома река прегазила,[да нажније росна дитилина,[да ҡаране јунакова којна,[ем гу ране, ем му порачуве:["Јади, јади јунакова којна,[ду нидел'а пăт ки да пăтуваш,[пăт ки пăтиш за млада нивеста"* [ТГ,164].

пăте́ка f 1.'тесен пат, врвица' ~ *ки-тă стре́те адна́ пăте́ка и пу н'аа ќи-фа́тиш; ~ тра҆гну́ве, та́мка и́мише е́дни тăрла уф-ту́рцко вре́ме. И де́тто пра́во нă тăрлишчăта о́де. Нă-тăрлишчăта не́-нăјде́л ни́кој. Ră-че́л: "Ки-прăдăлжум". Пумина́л, та́м е́дно се́ло... Ет ти е́ј н ста́р чуве́к, нă-не́ко· пăте́ка* [ПД,147]; **2.** изр.: **(пăте́ка) и пу н'аа ќи-фа́тиш** (= ќе тргнеш по некој пат); со исто значење: **зе́ла инă-пăте́чка** (в. под заглавниот збор **пăте́чка**).

пăте́чка f, 1.в. **пăте́ка** ~ *и чу́пата ăустáвăл и си-ти́шăл та́тку-му до́ма. Чу́пăта но́шќăта пла́че, ви́ка, ци́ка... не́ма, де́к д-о́де? Са́ма, ни́где. И зе́ла инă-пăте́чка, пăти́ка. Ој ти́шла, ти́шла на́шла ини-кăли́ви* [ДК,147] и: **пăти́чка*** ~ *кату́ как и кажа́ле Профи́тити: Ету јас ки пу́штам Ангелот мо́ј на́при на те́б, во́ ки испра́ви пăту-ти при те́бе. Гла́с вел'ала уф пусталија: Исправе́јти пăтут Господи́ноф, ра́мно чине́јте пăти́чкити не́гува* [MV-(K),307]: **2.** изр.: **ки испра́ви пăту** (= ќе тргне по патот); ~ *вел'ал: Благусуве́н си, Го́споди, Бо́га на́ша Израи́лц'ка, шо си уми́л и си дава́л, и а чини́л си имда́т и пумага́ч на тво́ити л'у́ди да утки́нат. И ти́, де́ти, ки си чи́ниш Пруфи́тин Господи́нуф; да ки си о́диш на́при при Господи́новото ли́ц, да ки си чи́ниш азăр пăти́чки не́гуву* [MV(K),-322].

пăти́ка f, в. **пăте́чка** ~ *Чу́пăта но́шќăта пла́че, ви́ка, ци́ка... не́ма, де́к д-о́де? Са́ма, ни́где. И зе́ла инă-пăте́чка, пăти́ка. Ој ти́шла, ти́шла на́шла ини-кăли́ви* [ДК,147].

пăти́ло п'страдање, мачнотија' ~ *ре́кăл: "Шо́ ќи-мă-изе́диш, ас сум ста́ра. Ас и́м а́дно ја́гнинце, шо́ у́бувo, мла́до, ќи-то·-дука́рам, ко·-изе́диш". "Е, ка́к ќи-би́де?" "Ви́кни: пăти́ло, пăти́ло уф сре́т о́фци сă-скри́ло и ја́с ќи-то·-дука́рам"* [ПК,2(224)]; ~ *и-вăлко: "Пăти́ло, пăти́ло, до́јци*

ја́гнито". А пăти́ло, сă-нăпăти́ла, уф-сре́т о́фцте лигне́ла [ПК,2-(Мор-224)].

пăтин* adj 'нешто што се однесува на пат' ~ *удгудина, ако бијме здрави и живи и него ки гу зем или ку ки гу пуштам (демек ки му платам пăтните арцови)* [ME(P),...].

пăти́р m 'мала бочва' [ПК,2(95)].

пăти́ште n, в. **пăнт'** ~ *во́јскăта нă-идно-пăти́ште бе́ше, а то пăти́ште, о́ти баирли́ву ме́сту-ј, кăту-ро́уви пра́вено, дăлбна́ту ме́сту* [БМ(В),193] – наставката **-иште** не внесува стилска обоеност; во Солунско Малецки забележил *вр'ăтиш'ти* место 'вреќа' [MS,s,128].

пăткăни́ца f 'шлаканица, тепачка' [ПД(116)].

пăтник* m **в. пăтувач** ~ *на во извор пăтниците пазарејна и силјајнто ут друјзте села на окулу гу велјат "Бајната"* [ME(P),69]; ~ *Е, бре добри, три пăтника,[што идите јуд то село,[зашто чукат камбаните,[камбаните црковишни!" – "Дил ни питаш, млад Стујане,[дил ли питиш ки ти кажме; сеј јумрела, бела Јана"* [ТГ,202]; ~ *идну-пăтник о́дăл нăгурбе́т. Пу-пăту вле́гăл у-иднăăшчи́лница зă-дă-ка́сне ни́шчо, а́ма нима́л скăрше́на па́ра* [ДК,155]; и: **патнек** ~ *стăну́ва дă-си-о́де. Оде но́гу пăт. Гу-фăти́ло ни́ку до́ш, ни́ку гăрмити́ни у-ни́ку пустили́а ме́сто – не́ма де́ка дă-сă-скло́не. Би́ло идну-ви́дело ти́му. Оде та́му, рупну́ва нă-вра́тта. Изле́га га́здăта. Му -ве́ле: "Ја́с-сум, му-ве́ле, пăтнек, дă-сă-скло́нăм ва́ но́ш ту́ка"* [Д-К,127].

пăтпăда́к m, zool. **1.** в. **пăтпăло́к; пăтпăдашка**; **2.** fig. 'човек со мал раст' ~ *то́о твојоо кумши́а али́с пăтпăда́к-ej* [ПК,2(95)]; и: **пăтпăда́к** [ЛС(К),96].

пăтпăдашка m, zool. в. **пăтпăло́к** [Д-К,104].

пăт-пăл'а́к interj 'подржување на звукот што го испушта птицата **пăтпăло́к**' ~ *Уф-по́л'то не́е: пăт-пăл'а́к, пăтпăл'а́к. Гу и́ма уф-ни́вите* (објаснување за птицата **пăтпăло́к**) [ПД,126];

пăтпăло́к m, zool. **1.** Coturnix coturnix 'пепелушка, препелица' ~ *то-ј си́вичко, мăле́чко пи́ле, бе́ли де́мки и́ма низ не́го; уф-по́л'то не́е: пăт-пăл'а́к, пăтпăл'а́к. Гу и́ма уф ни́вите, ни́ско ле́те и ко́га л'ăтну́ве брăмче* [ПД(126]; и: **путпуло́к** 'вид птица, поголема од гулаб' [ПГ(Фур)]. (Освен **путпуло́к** кај ловците во Гевгелиско омилен лов, од птиците, се уште следниве: *дива гăска, дива папија, јарбица, дропл'а, чафрлига, смуквар* – омилена храна му се смоквите) [ТГ,385]; **2.** fig. – со негативна конотација: 'човек со низок раст' ~ *ви́дј-оо мăр кут путпуло́к ка́ се́-ј рăшита́л* [ПК,2-(93)].

пăтро́ла f 'вооружена единица (обично мала од неколку души, но според потребите може да биде и голема), што се движи и врши контрола' ~ *ве́чăрта една гăрчка пăтро́ла пумина́. Сăба́јл'то не́ма ни́што, бăлгăрските вујни́ци флизе́а уф-Мо́крăне сно́жуфто нă-пу́шките, те́рат пукăштте дă-не́ма Гăрци уста́нни уфсе́лто* [ПК,2(222)]; ~ *и не-би́-час, пу-вре́ме, фрăп – и́де една-путе́ра ут-то́-се́лто, а уд-дру́ѕи се́ла, дакăжмă, кă патро́ла – гуле́ма патро́ла, а́ма ти́е су сидумдејсăт, суста́ ду́ши патро́ла бе́ше, гу-убико́лувăт се́лто* [БМ(В),-191].

пăтува́ч* m 'човек што патува', в. **пăтник** ~ *сеа можа чувек тука да најда сăл неколко трага кату во*

шо гу има пăтувачут прид очите [МЕ(Р),69].

пăтýве* impf 'оди од едно на друго место, подалеку (со превозно средство или пешки)' ~ *гу субрáмă тó лéбут кóлкутo шо-бéрише тó кaзáнут – гулéм кaзáн. И јáс двéтă пýшки нa-рáмo и кaзáнут нa-еднo-дăрву, а он, па, тóрбăта. И пăтýвмă сéга* [БМ(В),191]; ~ *стaнýвăт сéга, си пăтýвăт. Одăт, óдăт пу-пăтут и си-збурýвăт нaкój пájћa вá сéга, чýнки ќи-пáдне на идéн уд-ни́х* [БМ(Вол),196]; ~ *и кăжá дéтто нă-мájкa-му: – Еска, ви́ке, мáма, ки-излéзум уф-сráнсво. Нă-мájкa-му и́-устáви нóго злáто, и трăгна дă пăтýве* [ВК,281]; ~ *имáло нéкo врéме трýјца брáте. Итúă трăгнáли дă-бăркăт кăсмéт, рăбóта. Пăтувáли шо-пăтувáли, гистимни́ло ду-нéкo вудăни́ца. Иричéли: тýк ки-прăспúме ва-вéчăр, пóсле ки-прăдăлжиме пó-нăтáм* [ПД,167]; ~ *Уф-Ѓурѓóвдин кăжáа: "Кój сáке д-óде уф-струмичка укóл'а, óти слубóдно-j димéк". И сă-чини́ме ни́а, дуjдéме тýка. Бес плáта, пáри нé ни-зимáа за-пăт. Такá нă-дунцéе, ус-кóли, тóги рăбóтаа ус-кójнцки кóли. Ус-кójнцки кóли óдаа ут-Сóфја ду-Струмица. Ее-е, кóлко дéна ќи-пăтýвиш сускóли, знájш* [ПК,2(Иц–283)]; и: **патjýва** ~ *за дá го изедé ламjáта, дáл му едúн сăт и го испрáтил да донесé от назикáна вóда. И кáто патjувáло дéтето, оморúло са, заспáло на пăтja* [V,PM,284]. (Рефлексот **а** за големата носовка во **патjýва** не е регуларен, сп. подолу во истиот пасус: **на пăтja. Објаснувањето може да се најде во фактот дека во гл. патjýва рефлексот не е под акцент и тоа овозможува лабава артикулација).**

пăтýре* pl.tt. 'стар модел на машки панталони' ~ *сă-прáа вáжин, áма кá припукáли и нăпăлни́л пăтýрто* [ПК,2(201)].

пăтăрдúа f 'расправија, кавга' ~ *сăчини́ адна пăтăрдúа, кá дă-ви́дум брáтто сă-фатúли зă-гýша* [ПК,2(198)]; ~ *напкун имаше еден другар на срешта, патардијата га чу и как чу и пушката, тăрча и кажа на селото* [КС(В),75].

пăтăрóк m, zool., Anas 1.'домашна птица, машкото од шатка, живее покрај води, лесно плива', в. **патка** ~ *мăшкуто шо-j нă пáтките пăтăрóк гу ви́куме* [ПД(130)]; ~ *ќо-о зăкóл'ме вáадин тóо пăтăрóко, ќи-сă-нăгóстиме áдно árно;* **2.** fig. за човек што ги влече и ги држи раширени нозете кога оди ~ *шó чапáтиш алúс пăтăрóк* [ПК,2(96)].

пăтăрузлúа m 'селанец од с. **Патарос** (во Дојранско, до Балканските војни македонско село, за жал сега во Грција) [ПК,2(96)]; ~ *Ас трăгнáх. Ут-Пăтăрóс ду-Гóлăк óдум, и тúă – кá ки-му-зăслăбé нă-чувéк свéсто – тúă гăрчките уфицéре, шо-мăкáра нă-ýчăне сè-сă прăд-мéне, сé-сă прăд мéне* [ПД,173].

пăýр m, в. **пăýрче** ~ *пăýро-j ут-прăс, глигóсно-j, úма чéпче зă-пújне, кá-ќ смýкниш – адна гáлтка, адна чáшка прáве* [ПК,2(96)].

пăýрче n, dem. 'мал сад со "црăцка" за пиење ракија' [ПД,120]; како илустрација за називот **пăýрче** ќе дадеме два текста во кои се претставени два обичаи од Гевгелиско, едниот е врзан за празникот **мртвин**, а другиот како се "пречекува" Божиќ: – кога е *мртвин* жените *раздават* јадење за умрените; по некоја од жените во црквата ќе донесе *паурче* или *крундирче* со ракија и пред да почне да *раздава* ќе го послужи

попот и луѓето што таму ќе се најдат. Тогаш секој ќе рече: *"Госпуд да их просте, рај да им даде, уд лошо да и куртулисе, на тоја век да им се најде!"* – Сите останати одговараат: *"Амин"* [ТГ,32]; – на *Бъ́дни вечар* домаќинот ќе праша: *"Сите ли сме дома?" "Сите сме"* – му одговараат домашните. *"Азъ́р ли сте?"* (дали сте готови?) продолжува да прашува домаќинот. *"Азъ́р сме"* – одговараат. *"Е, тоги, ајде да гу викиме дедо Бужиќ на вичера"*. Потоа ќе се крене домаќинката и ќе ја стави *софрата* на *горни кът* и кога сѐ ќе се нареди на софрата, тогаш едно од децата ќе го земе лебот со *заманска пара*, другото дете ќе земе парче *сарлија* (= слатка пита, вид баклава), а третото *пауре* со ракија, ќе појдат до вратата и ќе викнат: *"Ел дедо Бужиќ, да вичерме!"* [ТГ,82].

пъ́хка* impf 'турка' ~ *да намаж'ат ч'етирт'ъ́х куш'а́нта на куприја́та, ти с'е́тн'а́ ко́лку да пъ́хкаш', ни мо́ш' да ја ту́рниш'* [MS,t,24]; ~ *тогај бабата гојори на куконата: "е!, ѝ'аним кукона јаз, да сам кату тебе млада, тос јунак, што промина от тука, го викнувам еден веч'ар да поиграм с него!" Кату чу куконата така, си разл'ути мошне, да фатила да ја пъ́хка параманата и да ја пл'уи, вел'ајке: "фту! фту! маскаријку, вунк от дома ми!"* [V,PM,165].

пъ́хни* pf **1.** в. **пъ́хка** ~ *му кла́ваш'и и-на́ ро́пката на уста́та, идѝн гул'а́м ка́мин' да ни мо́гат да гу пъ́хнат ме́ш'л'ъ́нта́та* [MS,t,16]; ~ *о́на зе́ јатага́нът и сидна́ узъ́т у-палхи́рът да-че́ка. То́кмо у-полу́ноќ палхи́рът фати́ да-тро́пка, и мо́мата дигна́ јатага́нът и застана́ пра́фцом. Идно́ си-пъ́хна́ хармѝјата гла́вата ме́ѓу жил'а́ста мо́мата го-удри́ со-јатага́нът* [ВЛ(Aj),338]; **2.** fig. 'натера' ~ *ја́зи му бех хизмиќа́р, а́ми д'а́волот така́ ми дупна́, ми расипа́ душа́та ми, ми чалди́са умот ми и ме пъ́хна, гу утепа́х* [V,PM,28].

пъ́хну́ва impf, в. пъ́хка [MS,s,95].

пъ́ше n, zool. 'ждребе' (млад коњ) [Д-К,104].

пъ́ши́ца f 'жена на паша (= турски великодостојник) ~ *"Ка́жи, ве́ле, ка́жи шо́ бе́ше то́, то́ смива́тто?" – "Же́но, ве́ле, ќи-ти-ка́жъ́м. Идну-вре́ме нъ́-ина́-пъ́ши́ца, ве́ле, ја́с му-бе́ изми́ќа́р, се́тне съ́-ре́ши ъ́-зъ́кла́, му-зе́ во́ фло́ринут"*]ДК,140[.

пъ́шку́л m, zool. 'свилена буба од лош квалитет' [ПК,2(96)].

пъ́шътъ́ма́л m 'скутник од платно дома ткаено' (Пат) [ПД(118)]; ~ *пъ́шътъ́ма́ло-ј тка́јн уд-въ́лнъ́но* [ПК,2(96)].

ОДБРАНИ ГРАМАТИЧКИ ПРАШАЊА

ЗА ПРВИТЕ ИСТРАЖУВАЊА НА МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИ ВО СОЛУНСКО

1.1 Македонските говори од околината на Солун побудија интерес во славистичката наука некаде кон средината на 19 век со објавувањето на дописка од солунското село Висока во весникот *Сăветник* (1/29, 7. 10. 1863 г.)[1]. Од дијалектните карактеристики на односнава дописка можеше да се заклучи дека се работи за многу архаичен говор во кој се зачувани повеќе посебности што напомнуваат на старословенскиот јазик, поправо на јазикот на Светите браќа Кирил и Методи.

Само две години подоцна дописката стана пошироко позната и достапна за специјалисти од односнава област откако проф. М. Хатала ја препечати во хрватското списание Књижевник (2, Загреб, 1865, 471–474).

Архаичноста на односниов говор претставен во дописката ќе ја илустрираме со примери во кои се чуваат назалните гласови: *гленда се дописникăт; пăнтăт по којто вăрвеше училиштето ни; причина штото чандата ни не напрендваха; никак да напрендват по рăнководството на грăцкото учение; г-н Неофит пăнтоваштем ... со коите он се мăнчеше.*

1.2 До која степен се зачувал назалниот изговор во Солунско се потврдува и со случаи во кои среќаваме назални гласови што не се етимолошки, односно неоргански: *бăнчва (прајат убрăнч за бăнчва); длăнгу (длăнгу като вăнци); мăнгла (мăнгла падна, мăнгличаву врјами); стăнкло (стăнклуту сă здруби).*

И така оваа новинарска дописка, иако без научни претензии го отвори прозорецот на говорите во Солунско, поправо на македонскиот народен јазик кон славистичкиот свет.

2.1 Меѓу првите слависти што побрзале кон Солунско треба да се спомене В. Облак[2] којшто уште кон крајот на минатиот (сега веќе предминатиот) век, зимата 1891-1892 г. го посетил Солун и неколку села во Солунско, таму останал до пролетта (март 1892 г.); во меѓувреме го привлекол вниманието на турската полиција, им станал сомнителен со своите активности при собирање на дијалектниот материјал, поради неупатеност и неукост на полицијата дури бил и затворен; подоцна го ослободиле но со интервенција на австриската дипломатија. Тој, како бивш студент, а подоцна и соработник на познатиот славист, проф. на Универзитетот во Виена, В. Јагиќ (значаен подржувач на тезата за македонското потекло на дијалектната база на старословенскиот јазик), си поставил за задача да ги истражува говорите од околината на Солун. Од селани во Солун собирал материјал од сушкиот говор (од источната солунска регија), уште и од северната (регија), од селата: Градобор, Ново Село, Бугариево, Ватилак, Вардаровци. Исто така

---

[1] Антон ПОПСТОИЛОВ, *Село Зарово, Солунско (историко-фолклорно и езиковедско изследване),* Софија: БАН, 1979, 5-152.

[2] Ватрослав ОБЛАК, *Македонски студии,* Љубљана: Заедница на македонските културни друштва во Словенија, 1994.

во Солун од мајстори - ѕидари од Дебарско тој ги истражувал говорите од селата Галичник, Клење и Обоки.

И навистина во говорот на с. Сухо (во близина на Лагадинското Езеро) нашол траги од некогашниот назализам, со коишто се потврдиле податоците од споменатата дописка во в. *Сāветник* од с. Висока (1863), и на тој начин отпаднал најважниот аргумент на оние слависти што се залагале за т. н. *Панонска теорија*. Впрочем во Воведот на трудот во којшто се објавени резултатите од истражувањата во Солунско – *Macedonische Studien*, печатено посмртно (Виена, 1896) среќаваме: "Словенските дијалекти во Македонија се во повеќекратна смисла од особен интерес за славистичката филологија. Пред сѐ, тие се од решавачко значење за прашањето за татковината на старословенскиот јазик. Без вистинско познавање на јужномакедонските дијалекти, особено на дијалектот што се зборува во околината на Солун, не е можно конечното разрешување на прашањето за старословенскиот јазик."

Иако книгата *Македонски студии* има чисто лингвистички карактер, сепак В. Облак не можел до крај да се ослободи од наметнатиот проблем околу карактерот на македонското население и македонскиот јазик. Тој се обидува да дискутира за тоа прашање и искажува свои ставови во врска со разрешувањето на македонското прашање. Притоа, очигледно е дека Облак тешко се снаоѓал во мрежата од пропаганди од соседните земји, коишто кон крајот на минатиот век особено се беа засилиле во Македонија и со сета жестокост настојуваа оформувањето на македонската национална посебност да го оневозможат и да го изместат од својот природен тек. Во нивните аспирации им помагаше аргументот - непостоење на македонска државност (во односниов период Македонија е сѐ уште турска провинција, додека трите соседни земји се беа веќе ослободиле и меѓу главните задачи на државната администрација беше настојувањето Македонија да се стави во сферата на своето влијание).

Сепак за тоа дека бугарскиот јазик не го знаел Македонецот од Солунско евидентно се забележува во описот што го дал Облак за својот информатор од с. Сухо (Солунско): "Во Солун запознав еден помлад занаетчија од Сухо, кој е тука само нешто повеќе од една година. Пред тоа за подолго време не го напуштил своето родно село. Тој не посетувал бугарско основно училиште, не знаеше да чита и пишува бугарски и бугарскиот писмен јазик му беше непознат. Тој зборуваше чисто на својот роден дијалект".

2.2 Сериозен прилог кон прочувањата на архаичните говори во Солунско дава и Антон Попстоилов, којшто како директор на Гимназијата во Солун имал можност да посети некои од околните села. Своите впечатоци од односниве патувања, што ги направил во почетокот на векот, со извесен осврт и на дијалектот ги објавил во студијата *На гости во Зарово и Висока*[3], каде што покрај другото прави и осврт на дијалектот истакнувајќи некои карактеристики што напомнуваат на старословенскиот јазик.

Специфичноста на односниов говор многу рељефно ни ја претставил Попстоилов низ разговорот што го имал со човекот што го допраќал од Солун до с. Зарово, имено на прашањето: "Зошто не зборува како другите селани?", тој му одговорил: "Господине, ти самиот слушна дека нашиот говор не е да се зборува пред свет. Јас сум превозник (кирација), одам на многу места, никаде не зборуваат како во нашето село; штом ќе почнам да зборувам по нашински (по селски) ми се смеат."

---

[3] Антон ПОПСТОИЛОВ, в. фуснота 1.

Неговиот заклучок дека говорот во солунските села стои најблизу до кирило-методиевскиот јазик јасно се наведува во студијата "Остатоци од назализмот во солунските села Зарово и Висока."

2.3 Освен за зачуваниот назален изговор на големата и мала носовка Попстоилов се задржува уште на неколку карактеристики во кои се назира архаичниот карактер на односниве говори: "Изговорот на *jat* во заровско-височкиот говор (Лагадинско)", "Прилог кон македонските говори", "Редукција на самогласките *а, е, о* во заровско-височкиот говор".

Треба да се одбележи и статијата за специфичниот развој на стариот вокал *ы* во говорите во Солунско, кој заедно со веќе споменатите архаични посебности, претставува "еден од суштествените признаци со кои се решава прашањето за татковината на Кирило-методиевскиот јазик. Сега веќе, продолжува авторот, никој не се сомнева дека првите богослужбени словенски книги пишувани од Светите браќа биле на солунскиот дијалект."

Во врска со демографската состојба треба да се истакне дека за време на Втората балканска војна 1913 г. едно од трите лагадински села – Зарово доживува страшен погром, тоа беше опожарено и комплетно уништено (од грчката солдатеска). Другите две села Сухо и Висока иако незасегнати од погромот, останаа под грчка власт, народот беше угнетуван и му се забрануваше да зборува на својот јазик; за ова со носталгија истакнува Попстоилов: секако не е тешко да си претставиме каква тага ќе го опфати научникот кога по 50–60 год. ќе ги посети овие села и наместо со архаичниот јазик, најблизок до јазикот на Св. Кирил и Методи ќе се сретне со грчки јазик, со грчки народни песни и обичаи.

Попстоилов, како и Облак станал жртва на својот научнички интерес, имено поради дијалектолошките истражувања бил затворен од турската полиција и в затвор го задржале скоро 3 месеци (поточно 83 дена), бидејќи им биле сомнителни некои зборови со зачуван назализам (*рѧнка, мѧнка, пѧнт, ерембица)* што ги нашле во неговиот бележник и поради својата неукост ги третирале како револуционерни, шифрирани пораки.

3.1 Интересот кон македонските говори во Солунско продолжува, така Јордан Иванов во париското списание *Revue des etudes Slaves* 1, Парис, 1922, 86–103, се објави со статија *Un parler bulgare archaique,* во која не запознава со дијалектен материјал што го запишал во солунските села Зарово, Сухо и Висока што ги посетил за време на Балканските војни 1912–13 год.

Во вториот дел од статијата Иванов, меѓу другото дава список на лексеми и изрази во кои се чува старословенскиот изговор на големата и мала носовка во сушко-височкиот и заровскиот говор. Иванов се задржува уште на едно интересно (и до тогаш необработено) прашање, во врска со нарушената конгруенција, како "фрапантен податок" за зачуван краен *ер,* на крајот на зборформи што завршуваат на група согласки, наведувајќи примери од типот: *тој тѧј му рекл, ендрѣ грат пѫдна, скѫмпа ли-ј тјутјунѫ* и др. Ваквото објаснување, иако модифицирано подоцна го прифатил и М. Малецки, т.е. споменатите случаи тој ги објаснува (пак од еуфонични причини) со појава на *вторичен ер* што се развил на крајот на некои зборформи – придавки и партиципи (*л*-форми), коишто завршуваат на 2 или 3 консонанти, подоцна слично објаснување среќаваме и кај Зб. Голомб,тој ги дава примерите: *мокра* m., f., *мокру* n. ; *мандра* m., f., *мандру* n.

Подоцна за ова тврдење на Иванов се појавија и други мислења, имено Ст. Романски споменативе објаснувања ги третира како неосновани,

односно "како лажни остатоци од крајниот *ер*", според него се работи за остатоци од сложена придавска контрахирана форма.

Сите споменати толкувања на односниве, навистина необични случаи од Солунско имаат фонетски карактер. Обратно, нашите повеќегодишни истражувања на долновардарските говори ни даваат доволно основа вниманието да го свртиме кон морфолошкиот фактор. Во тие иследувања недвосмислено се потврди дека говорите во југоисточниот егејски дел, а тоа значи и во Солунско, се силно опфатени од нерегуларности во категоријата род, односно од изразен стремеж за елиминација на родовата опозиција, пр. кај Ст. Романски среќаваме: "... во Пазар и за машки и за женски род се употребува само формата за среден род". Така што и случајот *тој рекла* би можел да се приопшти кон споменативе случаи на нарушена конгруенција, без да се бараат комплицирани објаснувања какво што е она со развој на *вторичен ер* на крајот на зборформите. Како потврда да споменеме дека освен примерите на кои се повикуваат и Ј. Иванов и М. Малецки и Зб. Голомб, ние констатиравме и обратни случаи: кога субјектот е во женски, а предикатот (т.е. л-формата) во машки род; така во Кулакиското евангелие среќаваме: – *вéли на нéа...: árно си рéкал, шо нéмаш мáш óти пéт мáжи имáл си;* исто во Зборникот на Верковиќ: –... *и она отидел, гу бакна рáнката и тој ја дава един алтин многоценно;* од Мегленско: – *вó, óти му кажáл змíјта, разбирáл.* Други случаи за нарушена конгруенција има безброј: – *и му носúл на нúх на високо планúна сáми* (Кулакија); – *шó úма пуд вá-дăрвúчту* (Мегленско); – *му р'éчи сфáт'ата "млóгу óстра нóш' úмаш' "* (Солунско); – *флéзло и дéтето в бунáрја пúло и тój* (Верковиќ)[4] итн.

4.1 Независно што обемната збирка *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových* се појави дури во четвртата деценија од 20. век (Прага, 1932), сепак рускиот проф. П. Лавров, во Предговорот напишал дека Зборникот "стои во врска со првото издание на народните песни, собрани од Ст. Верковиќ", напечатено во Белград 1860. Значи земено хронолошки низ овој обемен Збор-ник (содржи околу 130 текста приказни и еден опис на обичаи од Солунско) можеме да ја проследиме јазичната состојба во Солунско (и Серско) некаде од средината на 19 век. Иако во самиот Зборник не се споменува кој ги запишувал приказните, сепак индиректно узнаваме дека се работи за еден ракопис на што укажува авторот на предговорот од Зборникот проф. П. А. Лавров. Тоа подоцна го потврди проф. Бл. Конески, врз основа на анализа на текстовите како и врз основа на кореспонденцијата на Верковиќ. Натаму Конески го открива и идентитетот – се работи за познатиот учител од с. Висока Христодул Божиков, којшто се споменува и во др. материјали; инаку тој е роден во соседното село Сухо (како што веќе споменавме тоа се две села коишто заедно со с. Зарово го оформуваат јадрото на најархаичниот македонски говор, што се наоѓа североисточно од Солун, во областа Богданско).

Зборувајќи за споменатиот запишувач Конески ќе истакне: "Тој човек бил добар раскажувач. Користејќи спонтано елементи од народната поезија, тој во својот расказ внесува свежина и поетичност. Неговите дијалози се живи, облагородени со попрефинето обраќање. Една блага

---

[4] Коста ПЕЕВ, *За една морфонолошка посебност на југоисточните македонски говори анализирана и од полски слависти*, Славистички студии, Скопје: Филолошки факултет, 1989, 98-106.

слаткоречивост ги надахнува неговите приказни што спаѓаат несомнено меѓу најрепрезентативните обрасци од нашата народна раскажувачка уметност"[5].

Во врска со националното чувство и определба на Христодул Божиков, Конески ќе истакне: "Во писмата на Христодул Божиков доаѓа до израз негативниот однос спрема грцизмот и турската власт. Дури и во приказните тој не можел да не се искаже како Македонец на начин што ни е познат и од други изјави од истото време: *Тогас господарот му вели на писарот: 'Така да знајте, от Македонска земја какви духови испаждат!'* (стр. 153.) Тој е заправо само еден од претставниците на солунскиот круг, којшто меѓу другото во тоа време настојувал да се развие во Солун еден македонски културен центар ... Луѓето од овој круг оделе кон создавање на еден писмен јазик врз поширокатa основа на говорите во Солунско и, се разбира, со примеса на црковнословенски и други словенски елементи, што би се вклучиле во таа писмена форма. Затоа и записите на Христодул Божиков не можеме од јазична страна да ги сведеме наполно до еден локален дијалект, без да водиме сметка за тој поширок фон, врз кој се вршел изборот на особеностите за писмениот јазик што требало да најде употреба во македонските краишта."

5.1 Секако најсериозен придонес кон истражувањата на говорите во Солунско претставува активноста на проф. М. Малецки, којшто во почетокот на четвртата деценија од нашиов век, поточно 1933 г. се упатил од Јагелонскиот универзитет (Краков) кон најистурениот југоисточен пункт од словенската јазична општност, кон периферните македонски говори во Солунско, веќе споменатите села Сухо и Висока. Тука тој останал цели 3 месеци, иако условите за дијалектно истражување, па дури и живеење биле многу тешки. Да не заборавиме дека тој дел од Македонија тогаш, како и денеска, се наоѓал во состав на Грција, а на грчката власт ѝ пречела секоја активност што не одела во прилог на нејзините настојувања за елинизација на Јужна Македонија.

Резултатите од своите истражувања планирал да ги претстави во 3 тома, за жал успеал да реализира само 2 под заеднички наслов[6]. Прерапата смрт и виорот на Втората светска војна го спречиле Малецки да го докомплетира трудот со граматичка обработка на материјалот што би претставувал трет том во едицијата. Односнава работа ќе ја доврши неговиот студент Зб. Голомб, којшто 1958 год. докторираше на оваа тема. По 2–3 години тезата беше објавена под наслов: *Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско)*, MJ, 11–12, Скопје, 1960/1961, и 13–14 Скопје, 1962/1963. На тој начин беше пополнето она што недостасуваше во мозаикот од описот на солунските говори.

2003 г.

---

[5] Блаже КОНЕСКИ, *Македонскиот 19. век*, Скопје, 1986, 159.

[6] M. MAŁECKI, *Dwie gwary macedońskie. Suche i Wysoka w Sołuńskyem 1* - Teksty, Kraków, 1934; 2 - Słownik, Kraków, 1936.

РЕДУКЦИЈА НА ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА ЗАМЕНСКИ ФОРМИ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ЕГЕЈСКИ ДЕЛ

кон истражувањата на Зб. Голомб

1.1. Голем број истражувачи од соседните но и од подалечните славистички центри не случајно се определиле да ги испитуваат јужните македонски говори, затоа што на повеќето од нив, како дијалектолози им било познато дека имено говорите што зафаќаат периферна позиција по правило нудат богатство од информации, прво од зачувани архаизми коишто служат како препознатлива врска со постарите фази од развитокот на јазикот, тоа истовремено значи и можност за откривање на прекинати изоглоси со други словенски јазици, но од друга страна во нив исто така се среќаваат ред иновации, појавени главно од контактот со соседните јазици, особено ако се тие генеолошки подалечни и неродствени. Интензивните контакти со односниве јазици создале услови за билингвизам, и го отвориле патот кон јазична интерференција.

Меѓу припадниците на споменатите различни етнички групи, со многугодишното продолжително заедничко живеење (во централниот дел од Балканот, обединети во т. н. "балканска алијанса"), биле исполнети нужните екстралингвистички услови за "јазична симбиоза". Сепак во тој "балкански јазол" од нации, националности и различни јазици се мисли дека македонските говори во долновардарскиот дел најинтензивни контакти имале со говорот на Власите (според Голомб)[1], уште и со турскиот јазик.

2.1. Дел од познатите специфичности што во македонскиот јазик се развиле под влијание на "балканската јазична унија" и со кои се дезинтегрирал од останатите словенски јазици (присуството на глаголски конструкции со помошниот глагол *има (нема)+ глаголска придавка,* препозитивна употреба на заменските клитики во однос на глаголот, употреба на предлогот *од* "како граматички показател на односот за припадност во конструкции што го заменуваат стариот посесивен генитив-датив" и др.), доскоро се третираа како регионално врзани со западното македонско наречје, но последните истражувања што ги вршевме во југоисточните македонски говори од егејскиот дел укажуваат дека односниве дијалекти не само што ги споделуваат овие карактеристики, туку некои од нив ги среќаваме во доразвиени форми и проширени значења. Во овој момент само ќе ги споменеме: натамошно упростување на падежниот систем кај именките (пр. отсуство, иако некомплетно, на вокативот, натаму отсуство на акузативот кај личните имиња), а особено прави впечаток редукцијата на падежните остатоци кај заменските форми (на кои основно ќе се задржиме), натаму проширената употреба на предлогот *од* – под влијание на ароманскиот и грчкиот јазик, возобновување на множинската наставка *-е* кај именките од женски род, раширена особено во микротопонимиската граѓа, под влијание на ароманскиот јазик, изразито присуство на примери со нарушена конгруенција од контактот со турскиот јазик, од истиот јазик се позајмени и моделите на синтагми со непосредно прибавување на атрибутот – именка кон друга именка, случаи на двојна определба – со член и показна заменка (од грчкиот јазик) и др.

---

[1] Зб. ГОЛОМБ, *За "механизмот" на словенско-романските односи на Балканскиот Полуостров,* Македонски јазик 21, 1970, Скопје.

2.2. Она што е констатирано за балканскиот карактер на македонските говори: дека граматичката структура во голем дел е позајмена од соседните несловенски јазици, од социолошки аспект наоѓа поткрепа во искажувањата на А. Попстоилов, за турското влијание врз југоисточните говори, конкретно врз населението во с. Зарово како пр. тој го наведува следното: кога жената поздравува маж таа се поклонува прво на десната, а потоа на неговата лева страна, исто како што прават Турците за својот празник Бајрам; друг пр.: кога маж се поздравува со постара жена, ѝ ја бакнува раката на две места згора на "китката", а третиот пат ја допира до своето чело[2].

Зб. Голомб, во познатата студија за македонските говори во Солунско (работена врз материјалите собрани од М. Малецки),зборувајќи за тоа каков одраз има губењето на деклинацијата во врска со структурата на реченицата дава преглед на функционалноста на кратките заменски форми во изразувањето на односот меѓу *подметот и предметот*: "поради отсуството на синтетичка (изразена со наставки) деклинација и во принцип слободниот ред на зборовите во реченицата во нашиве говори нема можност за формално разликување на *подметот* од *директниот предмет* со помошта на тие во повеќето индоевропски јазици нормални средства. Па се јавува нов формален показател на односот *прирок (преоден) – директен предмет* во лицето на *заменската проклитика* што прави фонетска целост со прирокот. Бидејќи нашиве говори ја имаат категоријата граматички род кај именките, личната проклитичка заменка (acc. sg. m. -n.: *гу,* f.: *ја/а,* acc. pl. за сите родови *ги* С // *ха* В), претставува доволен показател на синтаксичкиот однос *прирок : директен предмет* при кое личната наставка на глаголот претставува показател на односот *прирок : подмет*." За да заклучи (истиот): "заменските проклитики (во acc.) што стојат постојано во погоре приведените примери кон прирокот не се излишен плеоназам, туку неопходен елемент што влегува во системот на јазикот и што врши точно определена функција на формален показател на синтаксичкиот однос"[3].

Како екземплификација за споменатово организирање на деловите во реченицата (меѓу *подметот, прирокот* и *директниот предмет*) следува реченицата: *Цар'у кăштата си ја битиса,* која што ги задоволува поставените тези.

Кон коментарот на Зб. Голомб во врска со вклученоста на родот во изразувањето на спометиве синтакцички релации, ние ќе истакнеме дека најновите истражувања на говорите во југоисточниот егејски дел, потврдија дека категоријата род во повеќе говори, особено во Еницевардарско, недоволно функционира, што од своја страна сигнализира дека личната проклитичка заменка не е во можност редовно и успешно да ја врши функцијата "показател на односот *прирок* : *директен предмет – прирок : подмет*".

3.1. Заклучокот на кој укажува Зб. Голомб се базира врз споменатиот материјал од с. Сухо и Висока. Она што останало незабележано и на кое сакаме да обрнеме внимание е аргументот дека неретко среќаваме случаи кога заменската клитика што треба да го детерминира *директниот предмет* се јавува и во *дативни конструкции*, што зборува дека таа не може да се третира како неопходен туку како дополнителен показател на синтаксичкиот однос.

---

[2] Ан. ПОПСТОИЛОВ, *Село Зарово, Солунско (историко-фолклорно и езиковедско изследване),* Софија: БАН, 1979, 5-152.

[3] Зб. ГОЛОМБ, *Два македонски говори на Сухо и Висока во Солунско),* MJ, 11-12, 1960/61, 13-14, 1962/63, Скопје.

4.1. Во богатиот *Зборник* на Верковиќ[4] бројот на примери во кои кратките заменски форми за директен предмет се јавуваат во дативни конструкции е толку голем што не можат да се третираат за случајни пропусти: – *изл'ала на месинчината да ја вели: "месинчино мила ..."* (м. 'да ѝ вели) (214); – *бех забравила да ја кажа на мајка ми* (м. 'да ѝ кажа) (218); – *и тој ја вели: "касмет сакам"* (м. 'тој ѝ вели') (230); – *на бáбата га фтекнá, земá еднó мáчле и еднó кýпле* (м. ' ѝ текна) – *после отиде пак на царската мома да ја вели на неа* (м. 'да ѝ вели на неа'); – *и тој ја дава адин алтин многоцено* (м. ѝ дава'); во текстовите од Малецки (иако поретко) среќаваме аналогни примери: – *нос, ш'ту гу звад'ахми за пикмес гу клавами у казаниту, гу фăрл'ами и пеп'ал н'етр'а* (м. 'му фрламе')[5]. Во Кулакиското евангелие[6] исто така има примери во кои дативните конструкции се маркирани со заменски клитики за директен предмет: *си дошле кри него, распитаа на него, ем гу велеа* (м. 'ем му велеа') (272); меѓутоа, исто така, испишавме повеќе реченици во кои се јавува нерегуларност од обратен тип; заменската клитика за индиректен предмет *(му)* се јавува во акузативни конструкции: – *да му распитаа учениците негови, ем гу велеа* (м. 'го распитаа') (273); – *му пáдна уф гăрдити, му гушнá да му бацýваши* (285) (м. 'го гушна да го бацуваше') . Внимание заслужуваат и случаите во кои клитиката *ја* (за директен предмет од 'таа') има навлезено во сферата на дативни множински конструкции: *и он а риче на них: "а неразбрани, да тешки уф сăрциту"* (м. 'он им рече') (Кул, 253).

5.1. Од досега кажаното излегува дека мешањето на заменските форми главно се случува на ниво на акузатив и датив. Но од консултираната опсежна граѓа излегува дека во југоисточните говори односната појава (нерегуларна употреба на падежните остатоци кај заменките) е понапредна, бидејќи е опфатен и номинативот, така што изразноста на односот *подмет – директен предмет* не може да се потпре само на заменските форми. Сп. примери: – *чини една кратунка, га тури аф чешмата. Она веки га оставиха, не га открадоха* (м. 'неа веки га оставиха) [Верк., 67]; – *јазе, кубилата ми е трудна не-ти-га давам* (м. 'мене, кубилата ми е трудна'); – *некоја богатска мома да не земиш, туку брат ти, што има една хизмиќарка, она да га земиш* (м. 'неа да га земиш') [Верк, 85]; – *на мójта кăшта úма седéло, вúка, и óн гạ-лекувáх* (м. 'и него гạ-лекувáх') [Лаб., Серско,129]; – *то човек. да не беши, јазика беши на два мојто живот* (м. 'мене ми беше...') [Верк., 81]; – *сéтне пóдварта ќа: искáриш... и óна уф-цидúлка ќа тýриш* (м. 'и неа уф-цидилка ќа туриш) [Пеев,Кук.,2,256]. Освен во **акузативни,** имаме запишано случаи кога **номинативот** го покрива индиректниот предмет: – *вéли на нéгу: Пријáтил, кáк си дујдé тýка, шо немáл си рýба за свáдба. Пá óн му падná тéшко* (м. 'нему му падна тéшко') [Кул, 270]; – *и óн ни́кој нé-му обрăшта внимáнии* (м. 'нему ни́кој нé-му обрăшта) [Лаб., Серско,129].

Упростувањето на заменскиот падежен систем на ниво на долгите форми може да се следи и на Запад: "Во нашите говори се забележуваат некои понатамошни израмнувања во промената на личните заменки... Во западното наречје се забележува процес на навлегување на долгите форми за акузатив и во сферата на индиректниот предмет: *нас ни (*спрема *нас не*), *вас ви* (спрема *вас ве*), *нив им* (спрема *ним им*). Се слуша и обратна замена: *ним ги...* Сите овие

---

[4] *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových, v Praze* , 1932.

[5] M. MAŁECKI, *Dwie gwary macedońskie. Suche i Wysoka w Sołuńskiem* 1 – Teksty, Kraków, 1934; 2 – Słownik, Kraków, 1936.

[6] A . MAZON – A. VAILLANT, *L'évangéliaire de Kulakia. Un parler slave du Bas-Vardar,* Paris, 1938.

појави се израз на општата тенденција во развитокот на нашиот јазик за редуцирање на морфемите во деклинацијата"[7].

Сепак, поинтересни се случаите забележни во јужните (егејски) говори во кои среќаваме конструкции што дефинитивно отстапуваат од нормите на литературниот исказ (замена на долгата со кратка форма): "Се поставува прашањето за можниот контакт во овој поглед со ароманскиот. Општата состојба на еден говор како кулакискиот, во кој туѓото воздејство е очевидно во повеќе посоки, па случаите како: *сетне на ти ке ти кажа; – не те сакам на ти* (Киреч-ќој, Солунско), во кои имаме навистина изразито отстапување од словенската синтакса, – можат само да одат во прилог на една таква претпоставка"[8].

Од направената анализа може да се заклучи дека аналитизмот во југоисточните македонски говори навлегува посериозно и во сферата на заменките; дури и во употребата на оние падежни остатоци што се неопходни во нормата, конкретно во изразувањето на директниот и индиректниот предмет многу често констатиравме нерегуларности. Се разбира дека јазикот, за да ја зачува изразноста на односниве синтаксички релации, ги вклучува додатните средства, коишто во ситуацијата стануваат првостепени, а тоа се можностите што ги дава контекстот, артикулацијата во живиот говор и др.

[7] Бл. КОНЕСКИ, *Историја на македонскиот јазик*, Скопје, 1982, с. 147.
[8] Бл. КОНЕСКИ, в. фуснота 7 , с. 147.

СКРАТЕНИЦИ

А,БТР – Л. Андрейчин и др. , *Български тълковен речник*, София 1963.
БМ – Ст. Бојковска – Максимовска, *Дијалектни текстови од Мегленско,* Македонистика, бр. 5, Скопје, 1992.
Б(М,В,СД,К) – Т. Бицевски, *Македонски народни песни од Мегленско,* Македонско народно творештво, 6, Скопје 1985; *Македонски народни песни од Воденско,* Македонско народно творештво, 8, Скопје 1989; *Македонски народни песни од Серско и Демирхисарско,* Македонско народно творештво, 13, Скопје 1997; *Македонски народни песни од Кукушко,* Македонско народно творештво, 9, Скопје 1989.
Б,ОГ – П. Бицевски, *Орловото гнездо,* Скопје 1996.
В (V,K,S) – W. Budziszewska, *Słownik bałkanizmów w dialektach Macedonii Egejskiej,* Warszawa 1983 (V – Воден, K – Кукуш, S – Солун).
ВГ,БЕР – В. Георгиев и др., *Български етимологичен речник,* София 1971 . . .
В,СД – Б. Видоески, *Говорот на селата Плевна и Горно Броди, Драмско,* МАНУ, Прилози XXII, 2, 1992.
ВБ – Б. Видоески, *Текстови од дијалектите на македонскиот јазик,* Скопје 2000, ВГ (од Гевгелиско: Мач – Мачуково, Ст – Стојаково, Ѓав – Ѓавото, Мир – Миравци, Бог – Богданци, Пир – Пирава), ВД (Д – Дојран, Ник – Николич), ВК (од Кукушко: К – Кукуш, Пат – Патарос, Шт – Штемница, Мал – Маловци, Пл – Планица, Иц – Иџеларе); ВС (од Солунско: Кир – Киречкој, Град – Градобор), ВЕв (од Еницеардарско: Ев – Еницевардар, Бар – Баровица, Кр – Крушаре. Кор – Корнишор, Ил – Илициево, Кон – Кониково), ВВ (В – Воден, Крон – Кронцелево), ВМ (од Мегленско: Сар – Саракиново, Стр – Струпино, Тр – Тресино, Цăр – Цăрнешево, Зб – Зборцко), ВК (од Кајларско: Ран – Ранци, Тр – Тремно, Рак – Ракита, Бош – Бошувци), ВД (од Драмско: Фр – Фраштене, Тр – Трлис, ГБ – Горно Броди. Кал – Калопот, Кал – Календра), ВЛ (од Лагадинско: Ај – Ајватово), ВБ (од Богданско: Нег – Негован, Зар – Зарово, Вис – Висока, Сухо, Бал – Баливиц).
V,PM – P. Lavrov a J. Polívka, *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových*. V Praze, 1932, s. IV-596.
VM,ESJČ - V. Machek, *Etymologický slovnik jezika českého a slovenského,* Prag, 1957.
Г,ДМГ – Зб. Голомб, *Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско),* Македонски јазик, Скопје, XI-XII, кн. 1-2, с. 113-182, XIII-XIV, кн. 1-2, с. 173-276.
ДВ - В. Думевъ, *Воденскиятъ говоръ*, МакПр, XIII, с.8-42.
ДК – В. Дрвошанов, *Кајларскиот говор*, Скопје, 1991.

ДС(Ч) – С. Давкова, *Лексиката на говорот на с. Чифлиџик* (Демирхисарско), магистерска дисертација, машинопис, Скопје 1997.
ИГ – Д. Ивановъ, *Гевгелийскиятъ говоръ*, София, 1932.
КЕ – М. Каранфиловски, *Ениџевардарскиот говор*, докторска дисертација, машинопис, Скопје 1995.
ЛС(К) – Веселинка Лаброска, *Говорот на с. Кула* (Серско), магистерска дисертација, Скопје 1997.
MS,t,s – M. MAŁECKI, *Dwie gwary macedońskie. Suche i Wysoka w Sołuńskiem* 1 – Teksty, Kraków, 1934; 2 – Słownik, Kraków, 1936
МЕ(В) – Б. Ристовски, *"Вардар". Научно-литературно и општествено-политичко списание на К. П. Мисирков*, Скопје, 1966.
MV,K – A. Mazon et A. Vaillant, *L'évangéliaire de Kulakia un parler slave du Bas - Vardar*, Paris 1938.
МС(В) - Л. Милетичъ, Изъ живота на Българите въ Солунско, МакПр, VIII, София, 1932.
МЕ(Р) – Бл. Ристовски, Раните ракописи на К. П. Мисирков на македонски јазик, Скопје, 1998.
О,СРЯ – С. Ожегов, *Словарь русского языка*, Москва 1963.
ПД – К. Пеев, *Дојранскиот говор*, Македонистика, 2, Скопје 1979 (Д – Дојран, од Дојранско: Ник – Николич, Пат – Патарос, Фур – Фурка).
ПК,П – К. Пеев, *Кукушкиот говор* II, Скопје 1989 (од Кукушко: Мор – Моларци, Грам – Грамадна, Шт – Штемница, Пл – Планица, Ним – Ниманци, Шек – Шекерлија, Иџ – Иџеларе, Пос – Постолар, Крец – Крецово, Гър – Гърбашел, Даут – Даутлија).
ПК – К.Пеев, според лично собрани необјавени материјали: од Кукушко: Мот – Мотулово, АЌ – Амбар Ќој; од Гевгелиско: Којн – Којнско, Ст – Стојаково, Пир – Пирава, Гум – Гуменџа, Мач – Мачуково – (материјалите се депонирани во Институтот), од Серско: Сек – Секавец [заедно со А. Поповски], од Драмско: Плев – Плевна [заедно со А. Поповски], од Гевгелиско: Фур – Фурка – (материјалите се депонирани во Архивот на МАНУ),
PS, ERHSJ – P. Skok, *Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika*, Zagreb, 1971...
Р,ДГ – Ст. Романски, *Долновардарскиятъ говоръ*, МакПр, кн. 1, София 1932.
РМЈ – *Речник на македонскиот јазик* I, II, III, Скопје 1961...
РСХКНЈ – *Речник српскохрватског књижевног и народног језика*, Београд, 1959...
СК – Д. Сакъов, *Принос към речника на кукушкия говор*, Българска диалектология, III, София 1967.
ТГ – Ст. Тановић, *Српски народни обичаји у Јевђелијској кази*, Српски етнографски зборник, XL, Београд, 1927.
УЕ – Д. Угриновски, *"Народни обичаи од Ениџевардарско"*, машинопис.
Ф,ЭСРЯ – *Этимологически словарь русского языка*, Москва 1986...
ШК (К,Д) – К. Шапкарев, *Сборник от български народни умотворения*, т. 1, София, 1968 (К – Кукушко, Д – Дојранско).
ШК (С,К,Д,Г) – К. Шапкарев, *Избрани дела*, V, Скопје, 1976 (С – Солунско, К – Кукушко, Д – Дојранско, Г – Гевгелиско).

ТРАНСКРИПЦИЈА

ă. – Со овој знак го предаваме "темниот вокал" независно од неговото потекло.

ạ, ẹ, ọ. – Точката под вокалот го означува полуредуцираниот изговор: *ạ* клони кон *ă*, *ẹ* кон *и*, *ọ* кон *у*.

а:, е:, о:. – Должината на вокалите ја означуваме со знакот : (две точки) поставен од десната страна до буквата.

ä. – Со овој знак го обележуваме широкиот изговор на вокалот *е*.

л'. – Овој знак го означува полумекото *л*.

н'. – Со овој знак се означува мекото *н'*. Во крајната југоисточна периферија, пр. во Лагадинско консонантите си имаат свои меки парници што ги претставуваме на истиот начин – со надреден знак од десната страна на буквата (*д - д', з – з', т – т'* и сл.).

л̣. – Со овој знак се означува вокалниот изговор на *л*.

р̣. – Овој знак го означува вокалниот изговор на *р*.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

811.163.3'282.4(495.6-12)(038)

ПЕЕВ, Коста
Речник на македонските говори во југоисточниот егејски дел, Б. 4 / Коста Пеев. - Скопје : Студентски збор, 2007. - 470 стр. ; 24 см

На задницата на насл. стр.: Dictionary of Macedonian dialects in the South-East Aegean part of Macedonia. B. 4 / Kosta Peev. - фусноти кон текстот

ISBN 978-9989-2474-2-2 (т. 4)

а) Македонски јазик - Дијалекти - Егејска Македонија, југоисточна - Речници
COBISS.MK-ID 68224010